УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

ДОКТОРСКИ ТРУД

ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ И КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТЕТОВО ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК

МЕНТОР,

проф. д-р Никола Жежов

КАНДИДАТ,

м-р Бранислав Светозаревиќ

СКОПЈЕ, 2013 год.

ПРЕДГОВОР

Предисторијата на создавањето на овој труд се наоѓа во мојата приврзеност кон мојот град Тетово и судбината на многуте семејства и личности кои ги запознавав и кои ме запознаваа со минатото на овој град. Оттаму произлезе во 1999 година и книгата *Тетовски споменар 1919 - 1941*, која меѓу првите во Р. Македонија, целосно беше посветена на историјата на секојдневието на еден град во одреден период. Позитивната реакција на читателите, како во Тетово и Македонија, така и во некои средини во странство, каде живеат Македонци со потекло од Тетово и позитивната критика од научната јавност, речиси ме изненади, но би рекол и дека силно ме поттикна за попродлабочено истражување во темата која во македонската историографија, е недоволно истражена.

Најголемиот дел од историските истражувања, во речиси седумдесетите македонска историографија, се посветени на политичката историја. Таа опфаќа истории на политички организации, значајни политички и револуционерни личности, истории на востанија и војни и на други процеси, монографски трудови исполно мошне малку и на нешто исто така суштинско, а тоа е *историјата на обичниот човек*. Таквото проучување науката ја приближува до одговорите на прашањето зошто народите се такви какви што се, со препознатливи карактеристики на менталитетот, традициите и зошто некои работи во историјата се повторуваат.

Временски, периодот кој го истражував не е многу далеку од денешното време, но се покажа дека во поголемиот број македонски семејства, особено меѓу младите, временската дистанца од почетокот на 20. век до почетокот на 21. век, оставила бледо сознание на денешната генерација за она што се случувало во времето од пред две или три генерации. Значи се работи за истражување на модерната приватност, кога македонскиот етнос се обидувал да го надомести изгубеното време во прифаќањето на европскиот начин на живеење. Овој процес изразен преку феноменот *ала турка - ала франга* започнал срамежливо и со многу пречки да се одвива кон крајот на 19. век и траел речиси до половината на 20. век. Неуспехот на востанијата во Македонија и владеењето на Османлиското царство со овие простори се до 1912 година се главните причини за задоцнетиот почеток на овој процес на европеизацијата на приватноста, која кај некои од другите соседни народи започнала уште од почетокот на 19. век па и порано, односно со појавата на нивните современи национални држави. Целиот овој процес минал низ големите премрежија на Балканот на првата половина на 20. век во која се случиле три системи, четири војни, седум режими, едно востание, младотурската револуција и две светски економски кризи.Во исто време овие силни потреси оставиле и големи траги врз начинот на живеењето на обичниот човек. Овој труд е посветен токму на тој процес кој се одвивал кај Македонците во Тетово, односно прави обид да одговори на прашањето: како овие големи историски промени се одразиле во секојдневието, во културата на живеењето и приватноста.

Исто така, историјата на секојдневието или историјата на приватноста ја разоткрива суштината на народното битие, ги проучува врските меѓу факторите или изворите кои влијаат врз создавањето на националното духовно битие, како што се: крвното сродство, заедничката историска судбина, јазикот, религијата, дури и географско-климатските услови, Овие набројани извори, сами по себе не ја оформуваат националната духовна целина, туку исклучиво, комбинациите меѓу нив.

16 Годишното истражување,го открива Тетово, можеби за некого изненадувачки, како напредна средина, дури и во историски периоди кога за тоа не постоела благопријатна клима, пред се од аспект на културата на живеење на поголем број тетовски македонски семејства, чии истории имаат голема слоевитост, силен порив за напредок, мошне успешни личности со големи кариери и печат на значајни достигнувања и придонес во науката, културата и другите аспекти на дејствување во нашата држава. Истражувањето на овие семејства ни расветлуваат чудесни семејни саги, на големи успони, но и падови и трагедии. Тоа се интересни приказни за животот, кои набљудувачот не го оставаат рамнодушен, понекогаш го вчудоневидуваат и му се наметнуваат безброј прашања.

Сето ова бараше мултидисциплинарен пристап кон проучувањето на ова прашење. Како извори за овој труд користени се необјавени документи од преку 90 архивски фондови, објавени документи од преку 60 изданија на збирки на документи, 330 објавени трудови (книги, зборници, студии, периодика, елаборати и др.) од областа на историјата, социологијата, етнологијата со етнографијата, ономастиката со топонимијата и дијалектологијата, архитектурата, културата, антропогеографијата, географијата, антропологијата и други области, преку 100 новинарски статии и весници, околу 40 информатори современици и учесници на настани и времиња и 13 приватни збирки на фотографии, разгледници и друг картофилски материјал[1].

Досегашната постојна литература за градот Тетово има големо значење за истражувањето на темата на овој труд. Она што се среќава за Тетововo литературата на 19. век е од скромен обем и се сведува на повеќе дела на странски автори, кои за овој град пишуваат како за помал или поголем дел од некоја нивна патеписна или истражувачка мисија. Сепак, податоците кои ни се даваат за градот се од првостепено значење, со оглед на недоволно сочуваната архивска документација од тој период.

Покрај многубројните записи за Тетово кое се истражува во контекстот на случувањата во Македонија и на Балканот, поретко се среќаваат и такви со малку поопширен опис. Иако овие дела се најчесто во функција на соседните балкански држави за докажување на*српскиот* или *бугарскиот* карактер на македонското население од овој крај, сепак истите се драгоцен извор за историјата на секојдневието на Тетово од крајот на 19. и првата половина на 20. век.

Андреа Стојанов е воедно и првиот бугарски деец кој поопширно пишувал за Тетово, кон крајот на 19. век. Тојсе погрижил во Тетово и Тетовско да собира стари книги, пергаменти и ракописи, чија конечна судбина не е позната, освен дека за сето што го пронашол го предал на Егзархијата[2].

Покрај Стојанов следат други бугарски автори или научници кои пишувале за овој град: А. Шопов, В. К'нчев, Ј. Иванов, Н. В. Златарски, П. Мутавчиев и др. но само како дел од еден поширок контекст за Македонија[3].

Прв посеопфатен опис на градот Тетово од крајот на 19. век ни остава Ѓорче Петров во книгата *Материјали од изучувањето на Македонија*[4], издадена во 1896 година, во која за

[1] Сите овие извори, поединечно се содржани во делот на книгата под наслов *Библиографија.*
[2] Тодор Геровъ, При Шар . . . цит. дело, 22, 38.
[3] Истото.
[4] Г.Петровь, Тетовската кааза,Матерйали по изучуванието на Македония, София, 1896. 411 - 471.

Тетовската каза се напишани 60 страници. Ѓорче Петров за Тетово ни остава драгоцени податоци за начинот на живеењето, меѓунационалните односи, занаетите, архитектурата, обичаите и други автентични описи.

Тетовскиот учител Лазар Серафимов е автор на книгата *Тетовско и неговите дејци преродбеници*[5], издадена во Пловдив 1900 година. Оваа книга е всушност прво дело напишано специјално за градот и неговата околина. Делото има мошне корисни информации за животот во градот, за неговите жители, занаетите, опис на деловите и архитектурата на градот со емотивни и носталгични коментари.

Русинот Атанасиј Матвеевич Селишчев во книгата *Полог и его болгарское население*, во написите за градот Тетово, овој автор прави дотогаш најобемен и мошне корисен историски, етнолошки и лингвистички осврт, од големо значење за денешната наука[6].

Српскиот историчар Јован Х. Васиљевиќ ја објавил книгата *По Тетовската област*[7], која иако е објавена во триесеттите години на 20. век, материјалот за неа го собрал уште во 1914 година, кога престојувал во Тетово. Покрај богатиот опис на градот и луѓето кои живееле и работеле во него, во оваа книга има и поголем број на фотографии на Тетово.

Книгата на тетовчанецот и илинденец Тодор Геров, *При Шар*[8], е книга поттикната од носталгија кон родниот крај а поткрепена со научните услуги на професорот Љубомир Милетич. Човекот кој книгата ја напишал далеку од родниот град, се навраќа на него низ своите спомени од младоста од крајот на 19. век и првата деценија на 20. век, со што ја надополнува сликата за Тетово од тој период со моменти и личности кои не можеме да ги сретнеме кај делата од авторите кои доаѓале од други држави.

Со различни аспекти од историјата и културата на живеење на Тетово се занимаваат и други истражувачи, кои своите трудови за овој град ги објавуваат во научни списанија или во книги посветени на Македонија. Такви вредни записи ни оставиле: Сестрите Јанковиќ[9], Михаил Арнаудов[10], Радослав Грујиќ[11], Франц Дофлајн[12] и др., кои претежно истражувале во периодот за време на Првата светска војна и и дваесеттите години на минатиот век

---

[5] Л.Серафимовь, Тетовско и дѣйцитѣ по вѫзрожданието му, Пловдивь, 1900.

[6] М. А. Селищев, Полог и его болгарское население, София, 1929. Атанасиј Матвеевич Селишчев, како виден филолог, македонското население го именува еднаш како словенско (пр. *Славјанское население в Албании*), друг пат како бугарско (пр. *Полог и его болгарское население*) а трет пат како македонско (пр. *Очерки по македонској диалектологии*). Ваквите различни ставови на овој автор се должат на неговото научно лавирање меѓу соочувањето со реалноста на теренот и неговата се поголема приклонетост кон бугарската лингвистичка елита која му ги печатела неговите книги во Софија, меѓу другото, и како изданија на *Македонскиот научен институт.* За неговите *заслуги за бугарската кауза*, Селишчев во 1930 година бил избран за член на Бугарската академија.

[7] Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској области, Београд, 1938.

[8] Тодорь Геровь, При Шарь, София, 1932.

[9] Д. и Љ. Јанковић, Тетово и околина, Народне Игре, Беогарад, 1938.

[10] ВладимирПенчев, АнатолАнчев, Михаил Арнаудов - една научна командировка в Македония, Академично издателство Проф. Марин Дринов, Универзитетско издателство *Св. Климент Охридски*, София, 1999.

[11] Радослав Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник Скопског научног друштва, Скопље, 1932, 33 - 77.

[12] Франц Дофлајн, Македонија, Македонска реч, Скопје, 2010.

За време на Втората светска војна , поточно во 1942 година од печат излегла книгата *Полог, антрополошки приказ* наавторот Рудолф Петровиќ во Загреб[13].

За одбележување се и неколку трудови објавени од македонски автори за Тетово, а кои го засегаат периодот кој го обработува овој труд. Во 1964 година објавена е книгата на Кузман Најденовски *Тетово во минатото*[14], кој како извори ги користи речиси сите претходно наведени книги, но она што е ново како извор на оваа книга е секако локалниот весник *Глас Пологa*, кој од печат излегувал во периодот од 1934 до 1941 година и изобилува со огромен број податоци. Од денешен аспект, овој весник ни претставува моштне богат извор на информации за секојдневниот живот во Тетово од триесеттите години на 20. век.

Обемни антропогеогравски истражувања на Полог извел и Јован Трифуновски, чиј труд е објавен во Белград во 1971год., под наслов *Полог, антропогеогравска проучавања*[15].

Монографијата за градот Тетово, под наслов *Тетово и тетовско низ историјата*[16] напишана од поголем број еминентни историчари, филолози и етнолози од Македонија, го обработува периодот од предисторијата па се до крајот на Првата светска војна (1918 г.).

Моштне значајна книга за периодот меѓу двете светски војни и Втората светска војна е секако зборникот на трудови *Тетово и Тетовско во НОБ*[17] во два тома. Во неа се поместени трудови на поголем број историчари од Македонија и другите делови на СФРЈ, како и сеќавањата на учесниците на тие настани.

Во периодот од 1996 до 2011, објавив 7 книги[18]и околу 20 други рецензирани трудови објавувани во македонската периодикакако и во илустрирани списанија, за различни аспекти од животот во Тетово, чии сознанија исто така ми помогнаа во изработката на овој труд.

Во моите долгогодишни истражувања имав големо разбирање и подршка од колеги во Државниот архив, кои несебично ми помогнаа во пронаоѓањето на литературата и документите: Стојан Аврамовски, Младен Матовски, Петар Зајков и др.

---

[13] RudolfPetrović, Polog-antropogeogravski prikaz, Zagreb, 1942.

[14] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964.

[15] Јован Трифуновски, *Полог, антропогеогравска проучавања,*САНУ, Београд, 1976.

[16] Тетово и Тетовско низ историјата, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1981.

[17] Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, книга прва и книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991.

[18] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско 1860 - 1903, АМ, Матица Македонска, Скопје, 1996; Тетовски споменар (1919 - 1941), Напредок, Тетово, 1999; Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата, 75 години развој, Напредок, Тетово, 2002; Тетово и Тетовско во илинденскиот период (1895 - 1905), ДАРМ,Скопје, 2003; Биогравски именик на Македонската револуционерна организација во Тетово и Тетовско 1895 - 1908, Млади сили, Тетово, 2008; Магистерски труд: Историските и архивистички аспекти на архивскиот фонд Виктор Аќимовиќ, магистерски труд, Филозовски факултет на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј*, Скопје, 2007; Бранислав Светозаревиќ Покорни, Маја Закоска, Здравството во Тетово и Тетовско во 19 и 20 век, Тетово, 2010 г.

За овој труд ползувана е богата документарна изворна граѓа од фондови и збирки на документи, пред се од државниот архив во Скопје и Тетово, каде што се чува најголемиот број на документи создавани од различни установи во Тетово, во првата половина на 20. век. Станува збор за над 80 фондови и збирки и преку 50 зборници на документи. Оваа обемна документарна поткрепа ми помогна да дојдам до најважните податоци за општествено - политичката, стопанската и културната историја на градот. Во поглед на истражувањето на секојдневниот живот, бројот на фондовите кои можеа да се користат беше ограничен, бидејќи архивите располагаат со малку приватни и семејни фондови. Од таму произлегува и дилемата за пристапот кон расположливите документи кои задираат во приватното, како што се судските предмети, полициските досиеја, документите на црковните судови, како и писмата - личната преписка на одредени личности, чии фондови се наоѓаат во споменатите архиви. Ваквите документи се користени мошне внимателно без да се открива идентитетот на личностите, а кои откриваат и потврдуваат одредени животни навики, употреба на предмети, меѓучовечки релации и односи во одреден историски период, односно документи кои задираат во приватносата.

Моето фокусирање беше насочено пред се во прибирањето и систематизирањето на податиците за занаетчиството, трговијата и други занимања и пред се на личностите и семејствата кои традиционално ги негувале овие занаети и занимања со генерации. Со оглед дека законски не сме во можност да ги користиме матичните книги, како фактографски извори, ми послужија и *Збирката на азбучници и домовници* [19] како и *Црковните книги и Занаетчиските и еснавски списоци*од архивте во Тетово и Скопје,во кои користев драгоцени податоци, пред се како идентификација на личностите[20] кои ги обработував и најмногу поради фактот што често во рубриката *занимање* беше запишано со која дејност се занимавал домаќинот или неговите синови. Најголемиот дел од овие книги биле создавани за време на Кралството СХС/Југославија и токму затоа имињата од страна на самите матичари се видливо менувани да добијат српски призвук. Во самите книги има преправки на пример најпрвин по грешка запишано онака како што граѓаните сами ги кажувале своите имиња: Насте, Крсто, Санка, Благоја, Тарасија а потоа истите се прешкртани и над нив се напишани како Наста, Крста, Десанка, Благоје, Атанас и т.н. Овие домовници, почнувајќи од 1912 година се значајни и по тоа што се заведувани и имињата на жените во семејствата, што не било случај во османлискиот период. Низ изворите, поради мошне променливите политички констелации, суфиксите на презимињата се среќаваат во различна форма зависно од тоа кој режим владеел во одреден период. Па така за истите личности среќаваме презимиња на -иќ, -ов, -ски или друго. Во оваа книга презимињата во најголемиот број се дадени на -ски, како што впрочем, по ослободувањето истите се среќаваат, како на личностите на кои се однесува така и на нивните семејства. Презимињата на -иќ и -ов исто така ги евидентираме онака како се среќавале во периодот по Втората светска војна, а тоа се најчесто презимиња кои завршуваат на -иќ, на неколку српски семејства со потекло од Призрен или други српски средини, кои ги задржале како такви и во овој период. Кај евидентирањата на лицата се среќаваат различни презимиња во различни периоди на пр: Иста личност може да биде Петар Здравев и Петар Савев, поради

[19] Домовници се единствени книги кои, во периодот меѓу двете светски војни се воделе за евиденција на домаќинствата, што секако даваат една комплетна слика за состојбата на истите во тој периодот. Со таквата пракса се продолжило и во првите години по Втората светска војна но набргу оваа пракса била напуштена.

[20] Во овие бројни имиња и презимиња низ изворите се среќаваат разлики. Исто така исти личности се среќаваат со различни занимања бидејќи ги менувалешто секако е очекувано, па затоа истите имиња можно е да се сретнат два пати во различни списоци на занимања.

најмалку две причини или го променил презимето откако се осамостоил од своето семејство и наместо наследеното семејно презиме го презема како презиме името на неговиот татко или поради погрешно евидентирање на оној што евидентирал. Исто така, некаде граѓаните биле евидентирани не по презиме туку по семејниот или личниот прекар или по занимањето на пример: Петре Бакалот или Симо Дограмација и сл. Можно еповторување на една иста личност доколку ститот во различни извори е запишан со слично име, со оглед на тоа дека српските и бугарските власти применувале и преименува на граѓаните согласно српските или бугарските традиционални имиња, на пр. иста личност може да биде Иван и Јован, Саво и Славе, Драгољуб и Драгослав и т.н. Во изворите се појавуваат различности во презимињата со присуството на буквата -в пред суфикот -ски, која некаде е присутна а некаде не, на пример Димовски - Димоски или Ѓеровски - Ѓероски и т.н. Најпосле, сите книги се пишувани ракописно, што исто остава простор за технички грешки при пишувањето, но и при читањето, особено кај сличните букви *-а, -о* и *-е*. Поради сите овие промени и недоследности во постоечките евиденции, однапред се извинувам на семејствата или личности на кои се однесуваат истите.

Како извори за овој труд, покрај необјавените и објавени документи и литературата прикажана во прилозите, посебно место зазема усната историја, односно анкетирањето на луѓето кои биле сведоци на времето кое го живееле а е предмет на нашето истражување. Сеќавањата на луѓето, на она што безброј пати го работеле во секојдневниот ритам и е поврзано со нивните обичаи, религијата, нивните занаети, нивниот меѓусебен однос како со членовите на најблиското семејство, така и со соседите, припадниците на другите вери и конфесии во градот, успешно и мошне понепосредно нè приближуваат кон секојдневниот живот. Усната историја ни овозможува да осознаеме за многу настани од секојдневието кои не можеме да ги најдеме во пишаните документи и токму нивното значење е големо за да се комплетира сознанието за тоа време, иако и тие во одреден домен страдаат од субјективноста на раскажувачот и подлежат на подетална проверка. Собирањето на податоци од моите сограѓани започна уште од 1993 година. Најпрвин тоа беа моите записи собрани од најблиските членови на семејството, за да подоцна се прошири списокот на околу 40 анкетирани граѓани чиј список се наоѓа во делот под наслов *Работна библиографија*, на кои во оваа прилика посебно им се заблагодарувам.

Најголема благодарност му должам на Драго Симовски Драгулинка (1920 - 2010), човекот со особена природна дарба за аналитика и несекојдневна меморија, која ретко се среќава и претставува куриозитет во ова истражување. Неговото познавање на луѓето, обичаите, настаните, процесите во градот и пошироко, покрај интелегенцијата и меморијата, се должи на неговиот занает како универзален столар и како што велеше чичко Драго: *Уште од 5 године сум ишоу у воденца со дедо ми а на 6 године у дуќан кеј таткоми. Свекој дуќан, чајџиуница, биоскоп, свекоја куќа, наручуеле столице, барем една. Окапи тоа, бербери, шнајдери им требело појќе столице. Значи сум влегол у свекоја куќа и дуќан, а у нашиот дуќан, влагале разни људи.*

На дуќан сум морау да бидем прв да отворим. Ете зошто ја сум се додржау. Сум морау да имам однос со чиращите и муштериите. Ја сум морал да га однесем робата и сум останувел до поуноќ. Ја сум доставуеу. Sидарите кој ќе направа куќа, мие смо поставуеле врате, и на крај ја сум морау да га дотерам вратата да се отвара – затвора убоо . . . Нема куќа кеј што не сум влегоу. После, мие смо работеле од фини работе ка намештај до груби сељачки работе. Смо праеле масе за државните управе и к'де не.

Смо вршеле набавќе и сум водел есапи. Затоа ја знаем тоуку луѓи. Сум морау да бидем примерен со свите од инжињери до арабаџије.

Снимениот и запишаниот материјал со Драго Симовски е работен во период од речиси 12 години (1989 - 2010) во преку 200 работни средби. Неговата соработка во овој труд е од непроценливо значење, со оглед на фактот што обичните статистичи податоци на имиња, занаети, спортски клубови и настани, културни друштва и случувања, кои му ги презентирав од документите тој ги оживуваше, значително ги обогатуваше и создаваше логична поврзаност меѓу нив. Способноста да памети наизглед небитни податоци, на пример да ги знае составите на сите петнаесеттина фудбалски тимови од Тетово, во периодот меѓу двете светски војни, да им се знаат позициите на фудбалерите во тимовите или да се знаат напамет составите на тетовските хорови со име презиме, прекар и занимање на пеачите, како и тоа кој глас го пееле во хорот или кој инструмент го свириле во некој оркестар, се навистина фасцинирачки. Сето тоа го подложував на проверка низ постојната документација, литература, но и од други живи сведоци и доаѓав до заклучок за неверојатно точни податоци со кои располагаше Драго Симовски.

Весниците, особено локалните, се мошне драгоцен извор за локалната историја на секојдневниот живот, каде што често се наоѓаат информации кои на друго место не се среќаваат и ни помагаат. Освен тоа, настаните на лесен начин ги лоцираме временски. За периодот кој се обработува во овој труд, во Тетово постоеле повеќе весници, што не е случај и со некои други градови во Македонија. За жал, sидните весниси до 1918 година не се сочувани, освен еден од времето на Првата светска војна. Како најдрагоцен извор од весниците можеме да го наведеме *Глас Пологa*, кој излегувал во 1934 до 1941, кој во дел од своите статии се навраќа и на настаните од локалното живеење во градот и за време на османлиското владеење. Десетте броја на мошне забрануваниот весник на Виктор Аќимовиќ, *Тетовске Новине* од 1935 година, потоа, *Јужна Стварност* од истиот автор, чиј единствен прв број го отсликува непобедивиот дух на македонското постоење. иако овие весници биле забранети а нивниот автор бил казнуван со затворски казни, сепак одбележале мошне значајно историско време. За време на на Втората светска војна, Тетово е седиште каде се печати илегалниот револуционерен печат. По Втората свестска војна, благодарејќи на големата новинарска традиција во градот се појавува весникот *Шар*, кој на мошне сликовит начин ни го претставува времето на промените во социјалистичкиот период и атмосверата која ја создавале властите.

Историјата на секојдневниот живот, како во ретко која научна дисциплина ги користи и прозните дела како извор. Прозните дела најчесто го третираат приватниот живот на некое време. Токму затоа, прозните дела создавани во времето кое е предмет на интерес на историчарот можат да имаат драгоцен опис на приватноста, исто така и кога авторите на романите или кратките раскази се современици на нивните описи во делата. Се разбира, повторно историчарот ја има клучната улога на избор на овие дела, како што истиот критериум е важен и за другите извори.

Прозни дела кои настанале за Тетово во периодот 1900 - 1950 година се многу ретки. такви се расказите на Јован Ќириќ Тетовац кој се објавени во едицијата *Македонија* на Тома Смиљаниќ Брадина, расказите на Бора Јосифовиќ (ски), објавувани во весниците: *Вардар, Политика*, како и од сочуваните необјавени раскази во ракопис од истиот автор. Кратките хумористички раскази во весникот *Глас Пологa* од неколку автори со псевдоними, од кои еден е Мио Поп Серафимовски.

Во современата прозна литература застапени сенеколку романи од тетовски автори кои се навраќаат на периодот од првата половина на 20 век: Јован Павловски, Јован Дамјановски, Љупка Кочоска, Владимир Кочоски, Михаил Јанушев и др. Како современици на одредени настани од тој период, тие мошне успешно реконструираат различни случки од секојдневието, личности, обичаи, го откриваат менталитетот на тетовчани и сл.

Народната песна е одраз на секојдневниот живот на времето во која била создавана. Песната освен својата естетска вредност има и своја документарна вредност за историјата на приватниот живот и ги отсликува тогашните обичајни права, но и отпорот кон нив и воопшто чувствата на луѓето пред сè на познатите и непознати нивни автори. Песните изразувале од бунт против неправдата преку тага за изгубеното до љубов, најчесто забранета. Токму затоа сочуваните песни се исто така драгоцен извор, а нив ги има во книгите на повеќе автори: А. М. Селишчев, Тодор Геров, Д. и Љ. Јанковиќ, Андро Апостолски, Тихомир Крстовски, Владимир Кочовски и др.

На крајот се заблагодарувам за подршката, разбирањето и помошта на проф. д-р Даринка Петревска, која за жал, не е повеќе меѓу нас, проф. д-р Виолета Ачковска и особено на мојот ментор проф. д-р Никола Жежов.

ВОВЕД

Системот на Османлиската империја, бил апсолутистички со речиси неограничени права на султанот кои во последните децении на 19. век биле сериозно разнишани. Распаѓањето на феудализмот и појавата на капитализмот бил процес кој се одвивал мошне споро, така што и во почетокот на 20. век остатоците на феудализмот се чувствувале, особено во македонската рурална средина. Како доказ за тоа е и фактот дека спахискиот систем е укинат дури во 1864 година. Империјата била потресувана од големи народни и социјални востанија, а во војните со европските држави била принудувана на големи територијални отстапки. За Османлиската држава, националната припадност не била важна а приоритет се давало на верската припадност, каде целокупната владеачка структура припаѓала на верниците на муслиманската религија. Принудните внатрешни реформи[21] не се остварувале со посакуваната динамика, односно се остариле делумно[22]. И покрај тоа, христијанското население, започнало по малку да ги чувствува придобивките на реформите, кои биле пропратени со силен отпор од муслиманското население, кое пред тоа, со векови ги уживало правата на владеачка класа. Срамежливо но сигурно, во 19. век започнале да се градат нови православни цркви низ Македонија, биле дозволени црковно-училишни општини со извесна автономија во управувањето и отворање на први народни училишта во кои наставата се одвивала на македонскиот народен јазик[23]. Решенијата на црковно-училишните општини имале сила на важност пред турските власти, имале свој печат, а свои печати имале и црквите и манастирите. Засега најстар познат печат во Тетово е оној на тетовската црковно-училишна општина, на кој пишува "опци печат града Тетова", во средината со ликот на *Св. Никола*[24]. На чело на општините најчесто се наоѓале црковни лица а во истовремено имало и световни

[21] Тетово и Тетовско низ историјата, СО Тетово, СЗБНОВ – Тетово, 1982, 231 – 246. Ѓилханскиот хатишериф од 1839 година е една од најважните реформи. Со него биле предвидени три значајни придобивки: гаранции за сите поданици во државата без разлика на верската и народносна припадност со која им се осигурувала полна сигурност за нивниот живот,чест и имот, 2. редовен начин за распределување и собирање на даноците и 3. утврден ред за земање на војници и рок на нивната служба. Хатихумајунот од 1856 година, покрај потврдата на претходниот закон гарантира поголема слобода на вероисповеста и слобода на совеста, христијаните да можат да се вработуваат во државните институции, претставници во државните совети, поправка и доградба на верските објекти и т.н.

[22] Истото, 240.

[23] Истото, 233.

[24] Истото. Печатот е напишан на српски јазик, затоа што истиот најверојатно е направен во кнежевството Србија, која била единствена слободна словенска држава на Балканот и каде што многу Македонци оделе на печалба и трговија.

Page 10

претставници на чело на градовите наречени мифтари[25]. Големо влијание во православната заедница во градот имале претставниците на скопскиот митрополит наречени *векили*. Подоцна таа улога ја превземаат намесниците, главните учители и претседателите на црковно-училишните одбори.

На христијанското население му било дозволено да се занимава со сé поголем број на дејности. Тоа пак предизвикало појава на побогат слој на христијанско граѓанство, од кое претежно се издвоиле трговците и лихварите (сарачите), саиците (пренесувачи на пари и писма од печалбарите), некои занаетчии и сл.

На територијата на Македонија, за жал, слободно дејствувале и странските пропаганди на новосоздадените соседни балкански држави со големи претензии кон Македонија и тоа Бугарија, Србија и Грција. Освен овие држави, свој терен за пропагандно дејствување нашле и романската пропаганда, како и некои верски пропаганди од западните држави со свои мисионери. Во Тетово се зацврстиле српската и бугарската пропаганда[26]. Пропагандите ја искористиле можноста, преку признавањето на црквите да вршат национална пропаганда. Така, преку Патриаршијата, со векови наназад, се ширела грчката национална свест, од 1871 година со признавањето на Бугарската егзархија, се создал терен во Македонија за ширење и на бугарската национална свест. Српската пропаганда во тој поглед, имала помали можности се до 90-тите години кога во рамките на Патриаршијата не биле назначени првите српски владици. Ова задоцнување во однос на другите пропаганди било надоместувано со постоењето на српската држава уште во почетокот на 19. век кога успеала преку донации и печалбарите од Македонија да ги снабдува училиштата во Македонија со српски учебници. Истите методи на територијата на Македонија, подоцна ги користеле и бугарската и грчката држава.

Во сложените политичко - економски односи при крајот на 19 век, со силен стремеж за ослободување на Македонија од многувековното туѓо владеење, на 23.10/4.11.1893 година, во Солун е формирана Македонската револуционерна организација (МРО). Имено во својата историја оваа Организација се нарекувала, ТМОРО(Тајна македонско-одринска револуционерна организација) и ВМОРО (Внатрешна македонско - одринска револуционерна организација), за да од 1918 година конечно го добие називот ВМРО. Нејзините основачи: Дамјан Груев, Христо Татарчев, Петар поп Арсов, Христо Батанџиев, Андон Димитров и Иван Хаџи Николов, со себе ги носеле и ги сублимирале сите сознанија за страдањата, како и политичките, економските и културните констелации и состојби, но ги обединувале и разните идеи и искуства на разни македонски здруженија, кружоци и револуционерни групи за изнаоѓање патишта за конечно ослободување на Македонија.

[25] Истото. За еден таков мифтар во триесеттите години на 19. век бил назначен Хаџи Стојче.
[26] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско 1860 – 1903, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1996.

Основната цел на Организацијата се содржела и во нејзиниот устав од 1894 година, каде што истата ќе се бори за извојување на политичка автономија на Македонија во рамките на Османлиската држава.

Голем импулс на Организацијата ќе и дадат новите членови во 1894 година, а тоа се Гоце Делчев, Ѓорче Петров и Пере Тошев.
Во текот на 1895 година формирани се повеќе комитети по градовите, меѓу кои и во Тетово. За формирањето на градскиот комитет најважна улога одиграле учителите. Главен збор меѓу нив имал Христо Червенелеков, кој бил од Штип, а истиот го формирал тетовскиот комитет по препорака на Гоце Делчев.

Идеите на МРО молскавично се прошириле и со голем занес биле прифаќани од народот во цела Македонија.
Кога би ги резимирале во кратки црти заслугите на тетовскиот комитет, тие би ги поделиле под неколку точки[27]. Една од најважните задачи на тетовската организација била производство и дистрибуцијата на тетовските пушки мартинки, кои според обемот на употребата во македонските комитски чети била најзастапена.

Тетовскиот комитет за време на Илинденското востание регрутирал голем број на борци кои се бореле на места каде што се воделе востанички борби: Крушевско, Кичевско, Прилепско, Тиквешко, Кратовско, Кочанско, Воденско и т.н.

Третата значајна задача била во периодот по Илинденското востание кога тетовскиот комитет формирал 4 регионални чети кои го штителе населението од зулумите и одмазничките акции, пред се од башибозукот.

Културата на живеењето на Македонците од Тетово до почетокот на 20. век е резултат на процеи и влијанија кои се создавале со векови наназад низ историјата. Најважни фактори за моделирање на овој феномен се секако етничкото и религиозното наследство. Етничките елементи биле ткаени во јазикот, обичаите, менталитетот, традициите, народните преданија, музиката, фолклорот, песната, архитектурата. Религиозната припадност е православна и таа во народот се негувала со векови, длабоко вкоренета во секојдневниот живот како животна филозофија. На овие два фактори им се придружува и петвековното владеење на Османлиската држава на овие простори, каде што несомнено е влијанието во секојдневното живеење: дневниот ритам, однесувањето меѓу луѓето, носијата, јазикот и др.

Ако на овие три фактори, го придодадеме и наследените карактеристики на живеење на доселените македонски семејства, како и влашките и српските семејства во Тетово од крајот на

[27] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Тетово и Тетовско во илинденскиот период (1895 - 1905), ДАРМ, Скопје, 2003 г.

18. век до крајот на 19. век, каде што сите тие со себе ги носат карактеристиките на краиштата каде што претходно живееле, односно нивното различно геогравско потекло, го создаваат главниот колорит на секојдневниот живот на Македонците од Тетово.

Крајот на 19. и почетокот на 20. век ги наговестувал бурните проемни во политиката, економијата и секако културата на живеењето на Балканот а со тоа и на Македонија и градот Тетово, каде кај Македонците од овој град ќе започнат незапирливи процеси на промени како внатре во семејството, така и во начинот на живеење во градската средина.

ГЛАВА I

ОПШТЕСТВЕНО - ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 20. ВЕК

1.1 ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (1900 – 1912)

Секое време со себе носи промени, но промените настанати во Тетово и Македонија во првата половина на 20. век се карактеристични по големите системски и културни промени, поврзани со моќните влијанија на европските и светските сили и нивното разминување на истиот простор со долговековното ориентално источно влијание.

Почетокот на 20. век во Тетово го карактеризираат последните години на владеењето на Османлиската империја, најавата на многу бурни настани, кои го сменила текот на општествено – полтичките, економските, културните и други аспекти на живеење на неговите граѓани.

Според К'нчов, во деведесеттите години на 19. век Тетово имало 19.200 жители. Од нив Турци 9.000, Албанци 500, Роми 1.200, Христијани 8.500[28]. Според Бранкоф на почетокот на 20. век имало 8.408 христијани во Тетово[29].

Околу 1900 година според Цвијиќ во градот живееле околу 20.000 жители, од кои повеќето биле Турци и турцизирани Албанци, а помалиот дел Словените, кои се делеле на српска и бугарска партија. Под Словени, Цвијиќ, всушност ги подразбирал Македонците.

Според статистиката на британскиот вице конзул во Скопје, Шипли, во 1902 година во Тетовската околија имало 2.872 куќи, словенски егзархиски куќи, 1.487 словенски патриаршиски, 5 влашки, 42 Роми православни, 3.434 турски, 6.267 албански, 322 на Помаци, 85 Роми муслимани или вкупно 14. 510 куќи во 154 населби[30]. Пољакот Тромпчињски дава податоци за населението во тетовската околија, објавени во 1903 година со следниве

[28] Кънчов Васил, *Избрани произведения*, том втори, София, 1970. Македонците се заведени како Бугари.
[29] D. M. Brankoff, La Macédoine et sa population chréé. Paris, 1905, 122.
[30] Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књ. III, Београд, 1911, 1067 – 1069; Крсте Битоски, Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век, Гласник, ИНИ, бр. 1, Скопје, 1982, 197 – 198.

Page 14

бројки:Тетово – Население 59.650, Словени христијани 33.300, Словени мухамедани 15.700, Турци 850, Албанци 3.800 и Цигани 1.000[31].

Според Рудолф Петровиќ, повикувајќи се на првиот званичен попис во Османлиското царство од 1910 година, градот Тетово имал 20.070 жители[32].

Административно, Тетово припаѓало уште од 1879 година на Косовскиот, а од 1888 година, Скопскиот вилает[33]. Овој вилает бил поделен на неколку Санџаци: Скопски, Приштински, Пеќки, Новопазарски, Пљевљански и Призренски во чиј состав била Тетовската каза со центар во Тетово, а во склопот на казата била уште една помала административна единица, Гостиварската нахија.

Иако во Османлиското царство, под притисок на европските држави, во 19. век се извршени низа политички реформи, овие промени христијанското население ги чувствувало мошне споро. Барајќи излез од ваквата состојба, македонскиот народ за време на Источната криза подига две востанија, *Разловечкото*[34] и *Кресненското востание*[35], кое од самите востаници званично е наречено *Македонско востание*. Политичкото решение за Македонија, за првпат се наговестило на Берлинскиот мировен конгрес, каде на крајот од источната криза (1878 г.), била предвидена можност за автономен статус во рамките на Османлиската империја, каде што Македонците ја гледале својата шанса. Состојбите во Тетово и Тетовско во последните децении на 19. век биле проследени со голем терор врз Македонците. Извештаите на европските конзули во Македонија до своите влади, биле преполни со ужасни слики за злосторствата врз христијанското население. Според едно истражување во периодот од 1895 до 1912 година на територијата на Тетовско – гостиварскиот крај имало вкупно 357 злосторства врз христијанското население од страна на Албанците, од кои 80 убиства, 21 ранување, 62 киднапирања и уцени, 79 уцени, 45 кражби на стока, 16 други кражби 48 палења на објекти и т.н[36]. Скопскиот вилает, во овој период претставувал простор на кој свои големи аспирации имале, Србија, Бугарија, Црна Гора, потоа таа била дел од проекциите и на Голема Албанија уште од Призренската лига во 1878 година. Верските и националните нетрпеливости биле крајно изразени со што Вилаетот го претвориле во мошне тешко место за живеење и работење, особено за христијанското население. Неговата нерамноправност била изразена во повеќе

[31] Влоѓимјеж Тромпчињски, Албанија и Македонија земја и луѓе, Скопје, Менора, 2005.(Wlodzimierz trampczynski, Albania i Macedonia, Warszawa,1903), 70.
[32] Prethodni rezultati popisa stanovništva u Kr. SHS, 31. 01. 1921, Sarajevo, 1924.
[33] Милош Јагодиќ, Српско – албански односи у Косовском вилајету (1878 – 1912), Београд, 2009, 1 – 15.
[34] Љубен Лапе, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, ИНИ, Скопје, 1976.
[35] Ристо Поплазаров, Македонското Кресненско – разлошко востание, Мисла, Скопје, 1979.
[36] Милош Јагодиќ, Српско – албански . . . цит. дело, 196. Во ова дело српскиот автор, македонското население го прикажува како српско.

аспекти, верска нерамноправност, пред властите, физичка, економска и во секојдневното живеење[37].

Бугарската и српската црковно – училишна пропаганда биле во својот најголем замав и преку црквата и училиштето, со однапред утврдени инструменти и методи влијаеле врз одреден слој на населението, национално го дезориентирале и поттикнувале трагична братоубиствена самоуништувачка борба за туѓи интереси[38].

Наталоженото незадоволство на Македонците од Тетово, се одразило и низ нивното учество како доброволци во речиси сите востанија и борби кои се воделе на Балканот, против Османлиското царство[39].

Во едни такви услови, од група македонски интелектуалци, Христо Татарчев, Даме Груев, Христо Батанциев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов и Антон Димитров, во Солун на 23. Октомври, 1893 година, создадена е Македонската револуционерна организација, која набргу го добила името Внатрешната македонска – одринска револуционерна организација (која се нарекувала во својата историја со скратените називи ВМОРО, ТМОРО и ВМРО)[40], чии основачи ги поставиле темелите на организираната борба на македонскиот народ за државност и самостојност. Созреаните услови придонеле, идеите на Македонската револуционерна организација со голема брзина да се прошират низ Македонија, така што веќе во 1895 година,

---

[37] Истото, 129 – 179.

[38] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно – училишна пропаганда во Тетово и тетовско 1860 – 1903, Напредок, Тетово, 1996.

[39] Д-р. Марко Павлов, учествувал како доброволец и лекар во Грчкото востание од 1820 година (Медицинска трибуна, Родословието на Марко Павловь, София, бр. 9 и 10); Во истото востание учествувал и тетовчанецот Цано Павловски (Коце Коцески, Цано Павлоски – учесник во Грчкото востание, Полог, Тетово, 30 . 05. 1973); Во четата на Христо Ботев, бугарскиот револуционер од времето на априлското востание во 1876 година имало и 22 Македонци, печалбари во Романија, меѓу кои и Христо Аврамов Калканделе од Тетово (Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени . . . цит. дело, 241 – 242). Од овој период се споменуваат и Здравев Бојко, Петров Јосиф, Никола Симов, Стојанов Зафир, Цветков Кузман, Симеонов Димитар, Аврамов Христо, Атанасиев Апостол, Димитриев Антон, Димитриев Симо, Николов Константин, Симеонов Христо и др. (Македонцитѣ въ културно – политическия животъ на България, Библиотека Балкански въпроси, София, 1918, 31, 32, 33, 36, 38); Во Српско –турската војна, во 1876 година меѓу многуте македонски доброволци во српската војска имало и 10 од Тетовско (Истото, 276); Во Руско – турската војна 1877 – 1878, на страната на руската војска учествувале 411 доброволци од Македонија од кои од Тетовско 19, а од нив од градот Тетово биле 12 (Истото, 291); Во истата војна се истакнал некој си Перо Тетовец (Манол Пандевски, Македонското дело во XIX и XX век, том петти, Мисла, Скопје, 1987, 55); Во македонското Кресненско востание во 1878 година, еден од водачите на македонските чети, со чин стотник, бил Коста Николов од Тетово, војвода на шестата чета, во таа чета биле и тетовските печалбари Серафим Несторов, Мирко Несторов и Димитрија Марков (Ристо Поплазаров, Македонското Кресненско – разлошко востание, Мисла, Скопје, 1979, 83, 88, 90, 138.); Во Кресненското востание учествувале поголем број востаници од Тетово а за тоа сведочи еден француски дипломатски документ (Архив на Македонија, Француски документи . . . цит. дело, 22.)

[40] Манол Пандевски, Македонското дело во XIX и XX век, Мисла, Скопје, 1987; Златна книга на ВМРО, Глас на вмро, Скопје, 1993; Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за името на Македонската револуционерна организација во почетниот период на нејзиното дејствување 1893 – 1896, Прилози на МАНУ, 26, бр. 2, Скопје, 1995.

за година и пол дена, на крајниот северозапад на Македонија во градот Тетово, да се формира Градскиот комитет на Организацијата[41].

Тетовскиот комитет е формиран од страна на учителите во Тетово, а по иницијатива од Гоце Делчаев. Имено, Делчев му наложил на тогашниот учител во Тетово, штипјанецот Христо Червенелеков да формира еден месен градски комитет во Тетово. Меѓу основачите, покрај Христо Червенелеков, првиот претседател на Комитетот, биле: Владимир Трајчев од Ресен, Никола Панчев од Штип, Драган Ничов од Велес и Симеон Мисов од Тетово. На основачкото собрание учествувале и неколку граѓани од Тетово. Само за два месеца градскиот комитет се проширил на околу 50 членови, а Комитетот ја проширил својата мрежа и по селата. Бројот на членовите на градскиот комитет во Тетово, во следните години до Илинденското востание и по него бил мошне голем[42]. Сане Ристоски го опишува начинот како тој пристапил и како се ширела идеата и на МРО во Тетово: *Работејќи како бакал при мене идеја Ѓиго Јовановски Кајкуш, првин кој ме запозна дека во Тетово има револуционарна организација за ослободувањето на Македонија од турската империја. Он од прво не ми кажуваше коа е таја организација ами само да е револуционарна, да се бори за ослободувањето од турското ропство и да е нопходно потребно да се таја организација помогне во прибирање оружје, во прибирање на материјална помоќ и во даденият момент кога ќе настане вооруженото востание да се истата помогне, односно активно подржава, он понатак ми збореше дека е нужно да се организацијата масовизира и дека е потребно да се работи и со други луѓе. Како соработници на оваја организација он ми го престави Илија Кензовски и Младена Мариош а покасно и Атанаса Албански. Ѓиго при мене идеше скоро секој ден а понекогаш доаѓаше и со Младена Марјош. Со Ѓигота јас работав скоро една година и со него престанав да работим бидејќи да он замина во чета во Кавадарци заедно со Иљота Ќиќиш и след извесно време*

[41] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот . . . цит. дело, 18 – 19.

[42] Бранислав Светозаревиќ, *Македонската револуционерна организација во Тетово и Тетовско* (1895 – 1908), Млади сили, Тетово, Тетово, 2008. Досега познати членови на Организацијата од градот Тетово биле: Алексов Пецо Белич, Ананиев Јованов Пано, Анѓелковски Ецо Гуша, Ацев Аце, Блаже Кондурација, Блажевски Дафинков Коце, Боев Илија, Буне Јован, Гавро Лавчанец, Гавровски Ѓоце, Гавровски Томо Ла, Герасимов Никола, Геров Мате, Геров Тодор, Гичевски Сане Гечо, Дабески Даил, Дафинковски Блажев Коце, Дембов Ѓоре, Дембов Ристо, Димитриевски Георгиев Димо, Добридолски Иван, Ѓиго Перац, Ѓоре Жеровјане, Евгова Васка, Евросимовски Петруш, Зафировски Биљбиљ, Здравев Петар, Илија Тетовчето, Иљов Пано Чадија, Јованов Пано, Јованов Христов, Јовановска Ката, Јовановски Јован, Јовановски Ѓиго Кајкуш, Јовановски Петров Симо Комита, Јосифоски Милан Крал, К. Кирко, Кензов Илија, Кикиш Иљо, Кондурациев Младен Ќелимов, Константинов Милан, Константновиќ Мисајле, Костов Трпе Алтиколач, Костовска Анѓа Сичанка, Костов Ристо Сичан, Лешко Стеван, Марјош Младен, Мисов Симеон, Михајлов Глигор, Мишевска Ефка, Мишковска Румена Комитка, Мишковски Јован Цира, Мишевски Младен Комита, Младенов Мијаил, Н. Спасо, Н. Тимосија, Наумчески Зако, Неофитов Наце, Николоски Спиро, Пандиловски Михајлов Методија, Пандиловски Премче, Пандиловски Трифун, Петковски Трпчев Спиро, Петре Шуко, Петров Симеон, Попов Атанас, Ристоски Александар Сане Гуле, Саров Диме, Саровски Лазо, Селе Иван, Серафимов Хаци Лазар, Симеонов Милан, Симовски Илија Бизмарк, Симеон Тетовчето, Смилковски Томо, Спасеновски Симо, Стевче Поп Лазов, Стефанов Јаковов Тодор, Тасески Стојко, Тодор Тетовчето, Тодоров Георги, Топал Петре, Тулов Наце, Филиповски Кузман, Хаци Димитров Димитар, Хаци Крстов Спиро, Хаци Тодоров Софронија, Цветановска Санда, Цветановски Јованов Трајче Бајрактар, Чанаков Георги Чанак и др.

разбрав преку организацијата оти тамо загинал. След заминувањето на Ѓиго мене ме држеше на врска Атанас Албански, родом од некои гостиварски села инаку бугарски учител во Тетово. Когај ја работеф со Атанаса Албански он ми се престави а подоцна стварно увидеф дека е он претседател на тетовската организација. Морам да нагласим дека не работеф само преку Атанаса ами он често пати директивите ми ги пренесуваше преку поп Диме, преку Младена Маријош, Захарија Дојчиновски, Ристота Сичан, сите бева од Тетово. Опште когај работеф со Атанаса Албански јас беф поставен за десетар на двадесет членови од нашата организација, и јас бев задолжен да приберам лично и преку мојите членови материјална помоќ, да пренесам писма, да примам дома војводи и четници, да прибирам оружје од страна на турците бидејќи да стоеф со ним добро и да пренесувам членови кој требаја да заминат во чети. Мојите членови на који јас бев десетар бева: Томо Гавровски Ла, Илија Симовски Бизмарк, Ристо Сичан, Милан Крал Јосифовски, Спиро Николовски, Пецо Алексов Белич, Петруш Евросимовски, Ѓиго Перац, Ѓоре Жеровјане, Ристо Дембовски, Блаже Кондурација, Билбил Зафировски, Илија Симјановски, Сане Гичевски и др. Бидејќи бев задолжен да набавуем оружје морав да најдем некој од Турците наравно по верни од кој би сме можеле да набавиме оружје. Јас најдов троица Турци од кој еден трговец и двајца еснафи и това:Рушид Чуда пушкар, Лутвија Н. Пушкар и Сали Суло бербер сите троица од Тетово. Организацијата се состојеше од позадинци, селски чети и горски чети. Горската чета доваѓаше во едно село и му наложуваше на селската да дојде по оружје. Јас бев задолжен да ги снабдим со такво оружје и четите доваѓаја кај мене дома од каде ги наоружуев. Оружјето од гореспоменатите Турци го купуев со пари делом од доброволни прилог на членовите а делом од пари кој ги носеа самите селски чети од горските. Оружјето се состоеше од бугарска малихерка, српска, турска беглик пушка-царска и грчки краки, а и руски берданки а најповеќе пушки од тетовски производ, бидејќи да во Тетово имаше пушкарница. По оружје најповеќе доваѓаја од кичевска и прилепска околија . . .[43]

Една од најкомлексните задачи на тетовската организација била, производството и дистрибуцијата на тетовските пушки мартинки. Ова оружје иако послабо по квалитет, поради конкурентната цена било доста распространето по македонските чети[44]. Најистакнати членови за производство и дистрибуција на пушките и друг вид оружје биле Ристо Костов Сичан, Сане Ристовски Гуле, Трпе Костов Алтиколач и др[45]. Во курирската работа биле ангажирани и свештени лица, каков што бил примерот со попот Диме Саров[46]. Оружје низ градот пренесувале и жени, на пример, Санда Цветановска, Ефка Мичевска, Румена Комитка и др[47].

[43] ДАРМ, Скопје, ф. бр 159, Извршен совет на Собрание на СРМ, Влада на НРМ - Одбор за доделување илинденски пензии, АК -
[44] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот . . . цит. дело, 30 – 51.
[45] Истото, 30 – 31.
[46] Истото, 39.
[47] Истото, 33 – 37.

Во оваа дејност свој придонес дале и учителите, на пример, Мијаил Младенов, Заркадије Дојчиновски, Стојко Тасевски и др.

Една од најсветлите улоги на градскиот комитет на ТМОРО од Тетово е секако учеството, на прилично голем број негови членови во Илинденското востание. Иако според одлуката на Скопскиот револуционерен округ било решено да не се подига востание во овие краишта, тетовските комити учествувале како доброволци во реоните на Македонија, каде што се одвивале востаничките борби. Досега познати тетовчани кои учествуале во востаничките борби во 1903 година па како борци на разни чети продолжиле да се борат се до 1908 година се[48]: Спиро Трпчев Петковски, комита во четатата на Јордан Пиперката; Иљо Кикиш, учествувал во борбите во селото Дреново, Крушевско, каде што погинал; Коце Дафинковски, комита во четатата на Христо Чернопеев, се борел во Брезово и Дреново и во четатата на Коста Попето, со која учествувал во борбите во Кочанско и Гевгелиско; Пано Иљов Чадија, загинал, во борбите за одбрана на Крушево; Григор Арнаутчето, комита во четатата на М. Ацев, загинал во селото Чланци, Велешко; Симо Петров Јовановски, учествувал во борбите во Крушево; Тодор Јаковов, комита во четатата на Иван Алабака; Симо Спасеноски, комита во Тетовската чета; Кузман Филиповски, комита; Младен Мечески, комита во Тетовско, Кичевско и Скопско; Симон Тетовчето, комита во четата на Т. Сарафов во Кочанско, каде што и загинал; Илија Тетовчето, бил војвода во некоја велешка чета; Милан Константинов, комита и војвода на чета во Тетовско; Мисајле Константиновиќ, комита; Тодор Тетовчето, комита во четата на војводата Андон Ќосето и се борел во Прилепско и Велешко, потоа како комита во четата на М. Попето, загинал во борба во селото Зборско, Воденско; Премче Пандиловски, Санданист, поставил темпирана бомба во кумановската железничка станица, за што е уапсен и осуден од турските власти.

По востанието, теророт на турските воени сили и башибозукот зел широки размери. Поради тоа а и поради зголемениот број злосторства од посебни пљачкашки банди во Тетовско, формирани се неколку заштитни чети од Тетово и Тетовско, кои ги казнувале зулумќарите и го штителе населението од неконтролирани злосторства, против кои властите не превземале никакви мерки[49]. Познати чети кои дејствувале во Тетовско биле: Тетовската чета на чело со Ѓорѓи Тодоров[50]. Во оваа чета како комити биле Тодор Геров од Тетово, Блаже Трпков Смилковски од Тетово, Спиро Полев од Тетово, Саво Георгиев од село Сенце, Дебарско, Тоде Јакимов од с. Беловиште, Тетовско, Тодор Томов од Кракорница, Дебарско, Арсо Јанков од Горно Јеловце, Гостиварско, Симон Спасенов од Тетово и Младен Мишески од Тетово.

[48] Истото, 71 – 84.
[49] Истото, 85 – 101.
[50] Истото, 108 – 109.

Втората чета била Брезјанската чета на Крсто и Филип Мисајлоски, во која комити биле жители на селата Брезно, Лешок, Варвара, Јелошник, Лавце, Једоарце, Отуње и Сетоле[51].

Трета чета била Тетовската чета на чело со војводата Атанас Албански од Горно Јеловце, кој бил учител во Тетово и член на градскиот комитет[52]. Во оваа чета покрај војводата, познати се и имињата само на комитите Коце Зафиров од Тетово, Трифун Петров од с. Сетоле, Тетовско, Георги Иванов од с. Непроштено, Тетовско и Филип Божинов од истото село и четвртата чета на Софре Ѓорѓевски од с. Радиовце, исто така дејствувала во тетовскиот регион. Овие чети дејствувале повремено но биле од големо значење за народот, кој се чувствувал дека не е препуштен на судбината.

Најпозната чета е Тетовско-гостиварската чета на војводата Никола Панов од гостиварското село Горно Јеловце, познат како Коле Гостиварчето. Оваа чета е поврзана со настанот на сардисувањето на лешочкиот манастир. Меѓу досега познатите борци на оваа чета биле: Филип Лулковски од с. Вруток, Гостиварско, Тодор Даскал од с. Јелошник, Тетовско, Спиро Трпчев Петковски од Тетово, Коста Трпев од с. Брезно, Тетовско, Тодор Спиров од Волковија, Тетовско и др[53].

Во годините по востанието, па се до 1908 година, низ Македонија дејствувале уште голем број на чети на Организацијата. Во тие чети, имало и тетовски комити[54]. Младен Симеонов, бил комита во четата на Пецо Георгиев, а потоа во четата на војводата Христо Узунов, со која храбро загинал во с. Цер, Кичевско[55]. Тодор Стефанов, бил во четата на војводата Васил Стојанов. Илија Боев бил комита во четата на Иван Наумов Алабака. Атанас Попов бил во четата на Симеон Молеров. Пано Јованов Ананиев, комита во четата на Чернопеев. Загинал во борбите кај селото Вињиште. Димитар Хаџи Димитров се борел во четата на војводата Михаил Чаков.

Учеството на тетовчани во српските вооружени чети, кои се формирале во 1904 и 1905 година и кои што се уфрлувале од јужниот дел на Србија не бил голем. Најпознат меѓу нив биле Гавро Веселиновиќ Фукара. Тој во 1904 година илегално од Тетово се префлил во Србија, од каде што потоа дошол во Македонија со четата на војводата Коста Пеќанац, а потоа се приклучил на четата на Ѓорѓи Скопјанчето. Учествувал во некои борби на Скопска Црна Гора

[51] Истото, 111.
[52] Истото, 109.
[53] Истото, 110.
[54] Истото, 132 – 133.
[55] Брнислав Светозаревиќ, Македонската револуционерна . . . цит. дело, 28.

против турската војска[56]. Во 1904 година во четата на војводата Анѓелко Алексиќ, во борба со турската војска на планината Краста погинал тетовчанецот Спиро Пеливан[57].

Локалните власти во Тетово, во односот кон христијанското население во градот, применувале различни методи со цел успешно да ја контролираат состојбата[58]. Иако биле свесни дека, христијанското население во Тетово не биле ниту Срби ниту Бугари и зборувале на свој посебен дијалект[59], локалните власти вешто го користеле присуството на странските пропаганди во градот и извршената поделба, за да ја зачуваат својата власт или да ги задоволат своите лични интереси[60] со нивно меѓусебно конфронтирање.

Уште во последната деценија од 19 век, отпорот на Муслиманите кон реформите во османлиското царство биле големи, особено во оној дел каде се зголемувале правата на христијанскот население. Во 1896 година, истакнати муслимани од Тетово официјално го посетиле муфтијата и побарале од него, да се преземат енергични мерки од страна на турската власт спрема христијаните[61]. Во месеците пред Илинденското востание, во времето на падарските реформи, во односот на турските власти во градот кон Македонците се чуствувало извесно подобрување[62]. Тие се одразиле на тој начин што на христијанското население му е дозволено послободно движење, на муслиманите им било забранувано да се движат непотребно во деловите на градот каде што живееле христијаните. На празникот Св. Атанасиј, на кој Македонците од градот масовно одат во истоименото црквиче на тетовското кале да чествуваат, дошле и неколку Турци. Полицијата, штом ги забележала ги протерала од таму со образложение дека истите дошле да направат некоја бељa. На муслиманите, локалните власти во градот им забраниле да носат оружје со себе, а во обраќањето кон христијаните се повеќе го избегнувале навредувачкиот збор *ѓаур* (неверник) а се почесто со зборот *раја* и т.н.

Ваквата политика на локалните власти го иритирала поголемиот дел од муслиманското население кое не можело да се помири со таквиот однос кон христијаните кои за нив се уште претставувале потчинето население, па во следниот период, отпорот кон реформите, провокациите, бунтовите и злосторствата од нивна страна страна само се зголемиле[63], особено во тетовската околија, што дел од христијаните ги приморувало да се преселуваат во Тетово или во други места.

---

[56] Глас Полога Тетово, бр. 126, Један од првих четника из Тетова, 24. 08. 1935, 2.
[57] Вардар, Календар за редовну години 1907, издање друштва кола српских сестара, Београд, 1906, 79.
[58] Бранислав Светозаревиќ, Српската и ... цит. дело, 52 – 56.
[59] Истото, 56.
[60] Истото, 35 – 36.
[61] Тодоровски Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија, (1829 – 1909), Студентски збор, Скопје, 1984.
[62] Љубен Лапе, Извештаи од 1903 година, на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, ИНИ, Скопје, 1954, 75 – 76.
[63] Истото, 158 – 159, 209 – 210.

Во 1905 година, за време на т.н. тетовски провали во кои е зададен голем удар врз Македонската револуционерна организација[64], повторно се зголемило антихристијанското расположение во градот. Во центарот на градот бил убиен еден од христијаните заптии, како и тројца падари христијани во близина на Тетово, од страна на локалните муслимани[65]. Со ова е испратена, повторно негативна порака кон христијанското население дека тоа е потчинето и дека не се прифаќаат реформите во Османлиската држава. Сепак, процесот на промени, незапирливо и покрај отпорите од различни страни продолжил и понатаму.

Младотурската револуција во 1908 година[66], претставувала значаен исчекор напред за османлиската држава, пред се за воведувањето на уставен повеќепартиски систем, зајакнување на капиталистичките односи, слободното изразување, односно ослободувањето на политичките затвореници, амнестија на нетурското население а со тоа и на Македонците. На таков начин, биле ослободени од затвор и повеќе тетовчани, а се овозможило враќање и амнестија на сите револуционери кои биле се уште под оружје. Со амнестијата се извршило и доброволно разоружување на сите комити, кои за тоа се одлучиле. На христијанското население во Македонија, па и во Тетово му е овозможено, политички да се организира.

Сепак, македонското население овие промени ги доживеало со измешани чувства, најмногу поради ослободувањето од затвор меѓу другите и на повеќе зулумќари, кои нанеле големо зло на христијанското население со многу убиства, грабежи и други разбојништва. Присуството во градот на овие луѓе предизвикувало страв и недоверба за иднината на христијаните во Тетово, иако, како што се јавува во писмото турското население во градот се држело многу добро со христијанското[67]. Тоа се одразило и на митингот на 27. 07. 1909 година

---

[64] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во Илинденскиот . . . цит. дело, 113 – 123.
[65] Истото, 95 -96.
[66] Јусуф Хамза, Младотурската револуција во Османската империја, Логос – А, Скопје, 1908.
[67] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 286 – 287. Како сето тоа се одвивало и доживеало во првите хуриетски денови од страна на тетовското население го опишува еден егзархиски намесник од градот на 26 јули 1908 година: *Вчера во девет часот во нашиот град стигнал Алим – бej, придружен од Мустафа Лима, прочуен началник на разбојничките албански шајки; тие беа придружени од 100 – 150 Албанци, едните другари на Мустафа Лима, а другите телохранители на Алим-бej. Нивното доаѓање му беше познато на овдешното муслиманско население. Околу 150 граѓани и неколку души од Гостиварско со коњи и наоружени со разни видови пушки беа излегле да ги пречекаат. Штом стасаа скапите гости овдешното турско население ги поздрави со илјада грмежи од сите муслимански куќи. Пукањето продолжи до 2,30 часот ноќта. Кога не можеше да се објасни зошто беа овие пукања и на кои чувства се правеше излив кога се имаат прдвид на овдешното муслиманско население, многумина од христијанското население беа преплашени од пиштењата на куршумите во воздухот. Засега турското население се држи добро многу добро со христијанското, но последново се вознемирува од една мрачна иднина и чувствува една тага од околноста дека тие кои беа чудовиштата и страшилиштата за христијаните, кои расплакале многу мајки, кои го собирале и го собираат дерудиџилакот, кои немаат ни бог ни душа, како што се изразува простиот народ се шетаат слободно низ градот, наоружени и пречекани со триумф и располагаат со власт. Апсурд е правичност и рамноправност да прокламираат*

во Тетово, кога се насобрал голем народ на кој тројца младотурски офицери дојдени од Скопје одржале френетични говори на кои се истакнувале новите вредности: *за заближување, подавање братска рака и појавување грижа за запазување на татковината од туѓи посегања*[68]. Иако Македонците не биле повикани на овој собир тие масовно присуствувале. Во меѓувреме на половина час од Тетово се собрале 4.000-5.000 вооружени Албанци кои дошле од Љума и Тетовската каза. Откако ги затвориле дуќаните многу муслимани кои присуствувале на митингот им се придружиле на дојдените и се спротивставиле на објавените реформи. Македонците ги затвориле своите дуќани и се повлекле во своите домови. Овој настан за среќа не завршил со потешки последици.

Промените во Македонија и Империјата продолжиле и во Тетово. Биле формирани партии на Маладотурците, на претставниците на туѓите пропаганди во Македонија, на Албанците како и Народната федеративна партија, претставена од познатите македонски револуционери на чело со Јане Сандански и левицата на МРО. За активностите на Народната федерална партија во Тетово, во изворите многу малку се среќава, но дека имало одредени активности во оваа насока е и акцијата на оваа партија, училиштата во Македонија кои биле под контрола на Егзархијата да се отргнат од неа, на тој начин што би се прогласиле истите за општински. Такво барање било поднесено и во јули 1910 година од страна на тројца учители од Тетово[69].

Во октомври 1912 година, според сеќавањето на тетовчани[70], со наближувањето на српската војска, пред самото напуштање на Тетово од страна на турските власти, тетовскиот паша сакал да го запали градот, но дел од Македонците разговарале со него и го убедиле дека тоа не е добро да го направи. Така градот, за време на Балканската војна го избегнал неговото разурнување.

тие луѓе. Сето ова го тера христијанското население со недоверба да гледа на настаните што се развиваа тука и да мисли како да сонува нешто.

[68] Истото, 287.

[69] Манол Пандевски, Моменти од борбата на македонскиот народ за културно – национална автономија во периодот на младотурското владеење (1908 – 1912), Развиток на државноста на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1966, 445.

[70] Во недостаток на документарен материјал, кој воопшто и не можел да се создаде во тие моменти, според сеќавањата на Драго Симовски, Војо Бошковски и Борис Ѓорчевски, кои ги слушале лично од постарите граѓани во тетовската чаршија се слични и кажуваат дека Мемет паша, кој бил родум од Тетово и кој размислувал да го запали градот, дошол на Два Бреста во егзархиското училиште, веднаш до црквата Св, Кирил и Методиј и се состанал со некои Македонци од градот. Тие му сугерирале и го молеле да не го пали градот, а доколку направел зло на градот, Михаил, вработен во училиштето, татко на Сандре Ќиќиш Коенџија, му рекол: *честити паша ако го запалиш градот и отидеш, злото побрзо ќе стигне од тебе у Станбоу, затоа најдобро да идеш со сељам.* Пред самото повлекување од градот, претставници на турските власти ги повикале тетовчани во багремлакот под православните гробишта и им се обратиле со зборовите: *до сега мие ве чувавмо вас, од сега ќе не чуате вие нас.*

По 1908 година меѓу македонското население во Тетово се појавиле и нови идеи. Под влијание на Скопје, како поголема градска средина, каде постоеле почетни форми на капитализам и печалбарите од Тетово, кои исто прифаќале нови идеи во индустриски поразвиените земји се формирале во градот две социјалистички групи[71]. Првата група била на чело со Јован Стојчев, раководител на фабриката за гајтани во Тетово, а втората со печалбарот во Земун (во тогашна Австро-Унгарија), Јован Златановски. Овие две групи подоцна се соединиле во една. Групата составена од 13 луѓе имала тесни контакти со скопските социјалисти од кои редовно го добивале весникот *Работничка искра*[72]. Во истиот весник од 22. 05. 1910 година, пишува дека тетовската социјалистичка група броела околу 50 членови[73]. Истата година, познато е дека социјалистичката група од Тетово одржала свој состанок во дуќанот на шеќерџијата Михаил Спировски. На тој состанок членовите се изјаснувале за кои македонски делегати ќе учествувале на Балканскиот федералистички конгрес во Белград. Групата социјалисти од Тетово усвоила и свој устав[74]. Во иницијативата за создавање на единствена социјалдемократска организација во Османлиското царство се вклучиле и социјалистите од Тетово кои учествувале преку свој делегат на заедничка конференција во Солун во 1910 година[75]. Освен ширењето на идеите и учеството на состаноци и конференции, не се познати други активности на првите социјалисти во Тетово до 1912 година.

Како и сите реформи во Османлиското царство така и реформите на Маладотурското движење оделе мошне споро, а многу од ветените промени за христијанското население никогаш не се остварале. Разбојничките банди продолжиле и понатаму да пустошат, а локалните бегови и понатаму ја злоупотребувале својата моќ. Македонците од Тетово и околината се нашле во уште потешка безбедносна состојба, затоа што за време на уриетот биле разоружани и незаштитени.

Во јуни 1912 година, Албанците од Косово се подигнале на востание. Истото брзо се проширило и во Скопје и Тетово. Поради масовноста и растечката опасност од напад на балканските држави врз Царството во Македонија, турските власти се одлучиле да направат одредени отстапки на албанските востаници, односно на нивните 14 барања, освен две од нив. Овие нереди уште повеќе ја влошиле ионака лошата состојба на Македонците во Тетово кои биле изложени на насилства[76].

---

[71] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 46 – 48; Кузман Најденовски, Тетово во минатото . . . цит. дело,
[72] Историски архив . . . цит. дело, Том трети, 254.
[73] Истото, 262.
[74] Истото, 298., Одбрани дела . . . цит. дело, книга 6, 161.
[75] Димитар Влахов, Мемоари, НИП Нова Македонија, Скопје, 1970, 170.
[76] Вардар, 3 јула у сред Тетова, Скопље, 27.05. 1912, 3.

1.2 БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1912 - 1918)

Долго припреманата војна на Балканот кулминирала кон крајот на 1912 година. Амбициите на Црна Гора, Србија, Бугарија и Грција, откако се договориле за поделбата на територииите кои дотогаш ги владеела Османлиската империја, а со тоа и на територијата на Македонија, се повеќе се зголемувале[77].

Војната започнала на 18. 10. 1912, а клучната битка се одржала во близина на Куманово неколку дена подоцна кога турската војска претрпела голем пораз од српската војска. Војната за протерување на Османлиите од Балканот се претворила од ослободителна во освојувачка војна на територијата на Македонија која воедно станала и воено поле.

Многу Македонци, кои се надевале дека ќе ја доживеат слободата на својата татковина, се вклучиле во голем број на војските на Србија и Бугарија. Така само меѓу печалбарите – доброволци од Македонија кои учествувале во Првата балканска војна имало 171 тетовски борец[78]. Меѓу македонските доброволци во составот на бугарската војска имало повеќе тетовчани[79].

---

[77] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981; Михајло Миновски, Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861 – 1913, Архив на Македонија, Скопје, 2000; Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918), ИНИ, Скопје, 1969.

[78] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918), ИНИ, Скопје, 1969, 108.

[79] Архивни Справочници, Главно управление на архивите при министерския съвет, Македоно-одринското опълчение 1912 - 1913, личен състав, второ издание, София, 2007, 42, 51, 78, 86, 95, 107, 126, 140, 176 - 179, 185, 186, 188, 197, 217, 237 - 239, 254, 265, 279, 282, 294, 296, 297, 302, 318, 320, 324, 342, 347, 353, 356, 367, 375, 378, 379, 380, 405, 427, 428, 430, 439, 445, 450, 461, 462, 481, 484, 492, 505, 507, 520, 521, 523, 525, 528, 532, 537, 541, 543, 551, 565, 568, 578, 583, 608, 629, 639, 642, 647, 648, 659, 695, 698, 715, 717, 718, 737, 738, 740, 746, 752, 820, 823.Нивните имиња се: Иван Андреев, Манол Аргушев, Христо Бандулов - учител, Кузман Григор Блажев, Милан Бошков, Милан Ванчев - пекар, Григор Велјанов, Јордан Гецев, Матеј Геров - новинар, Мано Гиргушев, Јордан Никола Гоќев - пекар, Крсто Григоров, Петар (Јанков ?) Григоров, Симеон Григоров, Митре Милош Грујов, Душан Дамјанов - крчмар, Димитар Иван Дамјанов - пекар, Ецо Михајло Димитров, Петар Тасе Димов, Трпо (Стојков ?) Димов, Коце Димчев - работник, Нико Димчев, Душан Евросимов - слаткар, Коце Зафиров, Георги Иванов, Димитар Иванов, Павле Марко Иванов, Самоил Иванов - работник, Тома Тодор Иванов, Бошко Илков - тулар, Манол Јоргушев, Крсто Христо Качаров - крчмар, Павел Кирев, Ненко Козлев - трговец, Спиро Колев, Стефан (Костов) Костадинов, Симеон Костов - пекар, Симо Кочев, Иван Коцев, Симо Коцев - мутавција, Александар Сандо Лазаров, Илија Марков - пекар, Спиро Мартинов - ученик, Крсто (Грујов ?) Милошев, Крсто Мисов - слаткар, Илија Михов - учител, Томе Михајлов, Станко Настев - јажар, Илија Наумов - фурнација, Нестор Нофов (Серафимов?), Јордан Николов (Гоќев?), Лазар Николов, Спиро Нолев (Петров?), Христо Нушев, Мито Ончев, Трифун Павлов, Атанас Јаким Пандилов, Атанас Јаким Пантелеев, Душан Паталевски, Христо Григор Паталевски, Тевдов Геро, Спиро Трпо Тевдов - пекар, Спиро Ноле Петров - трговец, Божил Поппетров - кожар, Нестор Нофо Серафимов - колар, Васил Спиридонов - Чевлар, Милан Георгија Станков - пртприемач, Ацо Петруш Стефанов (Стефов), Тодор Расим Стефанов, Христо Стефанов - пекар, Трпе Димо Стојков, Тодор Тасев - пекар, Ѓеро Тевдов - пекар, Тома Иван Тодоров - трговец, Божил Томов, Зако Томов - пекар, Младен Томов - пекар, Спиро Трпов (Трпчев), Војно Ушев Трпев, Самоил Трпев, Михаил Угринов - пекар, Иван Фодулов (Фудулов), Божил Хаџипетров, Стојчо Јанев, Симеон Григор Јанков.

По Кумановската битка, дел од разбиената турска војска се повлекувал кон Тетово. Тие на 26 октомври се прегрупирале на патот меѓу Скопје и Тетово со намера да извршат контранапад, но до тоа не дошло и се повлекле во Тетово[80].

Во градот ситуацијата била мошне напната[81]. Свесни за последиците, тетовчаните и гостиварчаните го замолиле командантот на 7. Корпус на турската војска, да се откаже од одбраната на овие два града, за да не доживеат непотребни разурнувања. Состојбата се искомплицирала откако меѓу повлечените турски официри дошол и Мехмед – паша, командант на приштинскиот одред, инаку тетовчанец кој се спротивставил на таквото барање. Меѓу командантот на 7. корпус и Мехмед – паша дошло до големо несогласување, кое конечно се решило со наредба на командантот за повлекување на единиците иако стигнала обратна наредба од страна на повисокиот командант на турската Вардарската армија. На таков начин Тетово останало без одбрана и се спасило од разурнувања.

На 30. 10. 1912 година, Моравската дивизија на српските воени сили влегла во Тетово[82]. Откако војниците се одмориле во Тетово, продолжиле кон Гостивар и другите македонски градови. На српската војска им се придружиле и извесен број тетовчани, кои им помагале меѓу другото и како водичи на теренот.

Со воспоставувањето на цивилната и административната власт, Тетово станало центар на Тетовскиот округ, еден од седумте во вардарскиот дел на Македонија кој припаднал на Кралството Србија. Во рамките на Тетовскиот округ влегувале следните околии: Бродска, Горнополошка, Долнополошка и Кичевска со вкупно 208.928 жители[83].

Според пописот од 1914 година, во Тетово се наоѓало средиштето на Тетовската околија, наречена срез. Таа во својата територија била поделена на 20 општини: Брвеница, Вратница, Групчин, Горанаце (со 4 села, кои денес припаѓаат на Косово), Доброште, Долно-

[80] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 299.
[81] Истото, 301.
[82] Истото, 301 – 302. Еве како го опишал влегувањето на српската војска, еден од нејзините војници, во градот: *Дочекот во Тетово на Моравската дивизија беше единствен. Одушевеноста на граѓанството стигна до кулминација; градот беше осветлен, луѓето, жените, девојките и децата сите со цвеќиња, гозби, пијалаци во раце и со непрестани извикувања "живели!" . . . Јас и д-р Петковиќ влеговме во градот, не навратувајќи во црквата каде што се служеше молебен за победата, туку тргнавме по тетовските улици да бараме станови: јас за штабот на Моравската дивизија, а Петковиќ за болничката чета. Така одејќи низ градот, влеговме низ христијанските улици. Токму во моментот, кога од тие улици излегов и влегував во чаршијата, наеднаш се разнесоа пукотници од пушки како тоа пукање да почнало под команда, а можеби беа исфрлени можеби 4.000 – 5.000 куршуми. Веднаш разбрав дека граѓаните пукале од воодушевување. Испратив неколку од моите војници да објават да не се пука и дека не смеат да го прават тоа, зошто војската не знае за тие изливи на чувства.*
[83] Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни (1913/14г.).

Полошка со Желино, Јажинце, Лешок, Милетино, Непроштено, Раотинце, Рогачево, Седларево, Селце, Сенокос, Стенче, Теарце, Цепчиште, и Шемшово[84].

Тетово претставувал и центар на поголема административна единица, Тетовскиот округ, кој ги опфаќал, Тетовската, Гостиварската, Галичката и Бродската околија. Во округот имало 55 општини, 257 села, 4 населби, 1 град, 1 гратче со вкупно 146. 803. жители. Тетово претставувал и седиште на самостојна општина со вкупно 20.070 жители[85]..

Во областа на образованието, српските власти веднаш воспоставила настава на српски јазик во училиштата, но откако се соочиле со непознавање на јазикот од страна на македонските деца, тие во Тетово како и во други градови низ Македонија, најпрвин воспоставиле настава само на еден предмет, српски јазик и после неколку месеци откако се запознале со јазикот ги вовеле и другите предмети[86]. Од страна на српските власти во Тетово имало и неколку убиства[87].

Со избувнувањето на Првата светска војна, Македонија повторно е во центарот на воените дејствија, овој пат, покрај војските на балканските држави, учествуваат и војските на најголемите европски држави.

Со повлекувањето на српската војска од Кралството Србија, преку Албанија до грчкиот остров Крв, се повлекувале и голем број цивили блиски до српските власти, дел од администрацијата, свештенството, училишниот кадар и т.н. Дел од машкото население било мобилизирано во српската војска. Некои од војниците од Тетово загинале во војната[88]. Откако, бугарската војска влегла во Тетово, биле убиени 9 српски војници, меѓу кои и двајца тетовчани Симо Димитриевиќ Јарма и Глигорије Ѓорѓевиќ Ципа[89].

Бугарија во договорот со Германија и Австро-Унгарија од 06. 09. 1915 година, повторно ги реафирмирала аспирациите кон Македонија и повторно ја реокупирала нејзината територија. Окупираниот дел на Македонија административно од бугарските воени власти е наречен *Македонска воено-инспекциска област*, во која спаѓале 7 македонски окрузи и два од

[84] Мил. Ант. Вујичић, Речник места у ослобођеној области Старе Србије, Београд, 1914, 139 - 142. Македонците во списокот се заведени како Срби.
[85] Глигор Тодоровски, Селското стопанство во вардарска Македонија по Балканските војни (1912 – 1915); Мил. Ант. Вујичиќ, Речник места у ослобођеној области Старе Србије, Београд, 1914, 136.
[86] Глигор Тодоровски, Документи за просветната политика на Српското кралство во Македонија (1912 – 1915), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1968, 216.
[87] К. Григоровъ, Сръбскитѣ жестокости въ Македония (1912 – 1914), София, 1917. Убиени од српските власти 1912 – 1914 биле: Серафимов Гавро, Сељо Ратајски, Јовче Јанев и Иван Чварков.
[88] На еден список на загинати војници во Првата светска војна се среќаваат имињата на тетовчаните: Богојевиќ Андро, Јовановиќ Андреја, Луповиќ Ристо, Петрушевиќ Коста, Стојковиќ Глигорије и Џодиќ Миладин.
[89] Глас Полога, Тетово, бр. 169, 20. 06. 1936, 2.

Косово. Еден од седумте македонски окрузи бил тетовскиот со седиште во Тетово[90]. Тетовскиот округ се состоел 4 околиии, 55 општини, 257 села, 4 заселишта, еден град и една паланка со вкупно 146.803 жители[91].

Економската и политичката ситуција за време на тригодишното владеење на бугарските окупациони власти се карактеризирала со голема сиромаштија, социјална беда, скапотија, шпекулација, епидемии, строг воен режим, насилства, воена реквизиција и големо незадоволство од народот[92]. Машкото работоспособно население било мобилизирано за војна или присилна работа. Поради тоа случаите на отпор кон мобилизацијата[93], дезертерство и одбивање на присилната работа[94] во Тетово зело големи размери.

Со завршетокот на првата светска војна, кон крајот на 1918 година, вардарскиот дел на Македонија бил приклучен кон новоформираното Кралство СХС.

1.3 СОСТОЈБИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1918 - 1941)

Со Версајскиот мировен договор, биле верификувани освојувачките походи на трите балкански држави, а Македонија била распарчена и ставена во дотогаш најнеповолна политичка состојба, односно во тројно туѓо владеење. Иако, на ваквата состојба се спротивставиле низа македонски здруженија и интелектуалци, организирани пред се во неколку европски центри, со испраќање на меморандуми до државите и Версајската мировна конференција, големите европски сили не ги зеле предвид нивните барања и се повеле пред се според интересот на нивните стратешки цели, како и интересот на нивните сојузници.

Вардарскиот дел на Македонија, подпаднал под власта на новото Кралство на Србите Хрватите и Словенците, на чело на српската кралска династија Караѓорѓевиќ. Владата на Кралството СХС, територијата на вардарска Македонија, административно ја поделила на седум окрузи, поделба која била извршена уште за време на владеењето на Кралството Србија. Еден од нив бил и Тетовскиот округ со седиште во градот Тетово. Окрузите имале ингеренции врз просветата, финансиските, стопанските, сообраќајните, санитетските и др. надлежности на својата територија[95]. Во рамките на округот, покрај државната управна власт, постоеле и

---

[90] Иванъ Парлапановъ, Алманахъ ЦарствоБългария, София, 1917, ст. 305 - 306. Функционеризавременабугарскатаокупација (1915 - 1918) биле: Окружен управник: Константин Мацаров; Околиски началник: Захарија Новев; Кмет: Никола Бунев; Секретар, благајник: Трифон Апостолов; Директор на прогимназијата; Симо Момиров; Главен учител: Иван Серафимов.

[91] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918), ИНИ, Скопје, 1969, 345 – 347; Крсте Битовски, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915 – 1918 година), Гласник, ИНИ, бр. 1-2, 1960, 51.

[92] Петар Стојанов, Македонија во . . . . цит. дело, 359; Крсте Битовски, Положбата . . . цит. дело, 51 - 74.

[93] Истото, 78.

[94] Истото, 79.

[95] Надежда Цветковска, Локалната управа во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919 – 1941), Историја, бр. 1- 4, Скопје, 1998/1999, 57 – 73.

органи на локалната управа: окружни собранија и окружни одбори. Со *Видовденскиот устав* од 1921 година, територијата на Кралството СХС е поделено на 33 области на чело со големиот жупан, од кои 3 припаѓале на вардарскиот дел на Македонија: Битолска, Брегалничка и Скопска. Помали административни области биле околиите. Во трите области во Македонија имало 31 околија на чело со околиски поглавари. Тетовската околија со центар во Тетово ја опфаќала територијата на Долни Полог. Големиот жупан и околиските поглавари биле строго подредени на централните органи[96]. Самоуправните органи биле претставени од обласните собранија и обласните одбори. Градовите имале свои посебни градски управи. Општините имале свои органи: општинско собрание, општински одбор и општински суд. Самоуправните органи биле надлежни за локалните финансии и одаочувања, унапредувањето на стопанството, управување со обласниот имот, унапредувањето на здравјето и социјални задачи, сообраќајот, просветата, стручно образование и др[97].Во 1921 година, според пописот во градот живееле 15. 119 жители. Од нив, според мајчиниот јазик имало 7.119 Македонци, 1.298 Албанци, 6.432 Турци и 269 други[98].

Во 1931 година Тетово имало 16.359 жители а 1935 имало 18.631. Од нив Срби, 9566, Турци, 7.715, Албанци 1.000 и Роми 150[99].

Во графата Срби всушност најголемиот дел од дадената бројка се припадници на Македонскиот народ. Србите во Тетово се оние семејства доселени од Косово, потоа доселените Срби и Црногорци, кои во Тетово биле вработени во државната администрација, војската и полицијата и на крајот колонистите, поточно 15 колонистички семејства со 69 членови[100].

Од 1921 година, Тетово стекнало големо значење и како административен центар на северозападниот дел на Македонија со 117 329 жители, каде што луѓето од градот биле вработувани во локалната власт, судовите, жандармеријата, војската, просветата, здравството, и во други државни управи како Геодетската управа, Поштата, Земјоделскиот расадник, Тутунската станица и сл. Највисоките функции во најголемиот број случаи биле резервирани за луѓе кои не биле од Тетово и тоа најмногу од Србија а потоа од Црна Гора, Хрватска Босна и Херцеговина и Словенија. Сепак, секаде по овие државни институции, најголемиот број на вработени, освен во војската и жандармеријата биле од Тетово. На чело од поважните

[96] Истото, 59.
[97] Истото, 60.
[98] Јаким Синадиноски, Некои општествено-економски и демографски карактеристики на Тетово и Тетовско помеѓу двете светски војни, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 77.
[99] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. фонд, 72. Авторот податоците ги превзел од Статистичкиот оддел на Општина Тетово.
[100] Александар Апостолов, Колонизацијата на Тетовско . . . цит. дело, 136.

институции, тетовчаните се назначувале во Градското поглаварство, но и тие најчесто биле од редовите на српските семејства, населени во Тетово уште во 19. век.

Со воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година и Законот од 03. 10. 1929 година[101], Државата Кралство на Србите, Хрватите и Словенците е наречена Кралство Југославија. Извршена е и нова административна поделба на бановини, околии и општини. Вардарскиот дел на Македонија влегол во составот на Вардарска Бановина со седиште во Скопје. Вардарската бановина била поделена на 29 околии, од кои една е и Долнополошката со седиште во Тетово. Сите локални органи се наоѓеле во полна хиерархиска зависност од централните органи на власта. Во секоја бановина се формирал бановински совет. Тетово учествувало со двајца советници во советот на Вардарска бановина а нив ги поставувал министерот за внатрешни работи што јасно укажува на строгата контрола од страна на централната власт[102]. И понатаму постоела Долнополошката околија со седиште во Тетово, како и посебна градска општина Тетово.

Новонастанатите акционерски друштва како што се банките и Тетовското индустриско акционерско друштво, адвокатурите и др. правни субјекти овозможувале на нивно чело да бидат Македонците од Тетово кои произлегле од еснавската и трговската средина. Во Здравството и судството исто така се вработувале ново дипломираните кадри со високо образование кое го стекнале надвор од Македонија.

Приливот на чиновништвото и униформираните лица со нивните семејства, биле мошне добри потрошувачи за трговците и занаетчиите во градот.

Со градот управувало Градско поглаварство[103] во чиј состав функционирале различни одделенија и служби: Одделение за финансии, техничко одделение, судско одделение, општинска стража, Одделение за снабдување на животни продукти, противпожарната служба, разни одбори, комисии и сл.

Тетовското градско поглаварство решавало голем број на прашања поврзани со животот на граѓаните и тоа за најразлични молби, дозволи, такси, кредити, одредување на висината на цените на основните продукти, проценка на земјишни плацеви, стопанисување со општинскиот имот како земјишни имоти така и објекти и тезги, нивна продажба или издавање под закуп, средства за основните училишта, градска инфраструктура и др. Градското поглаварство редовно им помагало на сиромашните, посебно на верските празници Велигден, Божиќ, Бајрам и сл. Службата на Поглаварството одредувало казни за штети, потоа донесувале

[101] Надежда Цветковска, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935 – 1941), ИНИ, Скопје, 1996, 13 – 15.
[102] Бранко Надовеза, Македонските социјалисти . . . цит. дело, 68.
[103] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 2, Градско Поглаварство Тетово, (1919 - 1941), кн. 2, кут. 2.

одлуки за официјални мерни единици и баждарење. При Поглаварството постоеле ветеринарна и градежна секција.

Меѓу најважните, се секако комуналните, а организирањето на комуналните дејности го вршела посебна служба. За повисоко хигиенско ниво, Поглаварството често издавало наредби и се обраќало до локалните медиуми и апелирало секој да се грижи за хигиената пред својот двор или дуќан. Во тој контекст се превземале и поголеми зафати, како на пример градење на градски водовод во 1928 година, одржување на Градската бања, регулација на главните улици во градот, градење на градските чешми, одводи и бразди како и редовно чистење на речното корито на реката Пена.

Од 1933 година, Градското Поглаварство со своја одлука формирало прва Пожарникарска служба и станица која се јавила како нужна потреба на градот кој расnел се повеќе. Пред тоа заштитата од пожари била мошне примитивна. Пожарникарското друштво кое раководело со станицата броело дваесетина членови на чело со Александар Николовски Пуљпуљ.

За комуналната хигиена, во склопот на соодветните служби избрани се општински санитарен и ветеринарен инспектор. Како први санитарни инспектори во Тетово избрани се докторите Крсто Данчески и Глигорие Евчески.

Своите приходи Поглаварството ги добивало од разните такси, од градската трошарина, градската кафеана *Папас Ќуприја*, Градската кланица, спортската такса од фудбалското игралиште, казните, финансиска помош за проекти од страна на Кралското Собрание, Вардарската Бановина и други извори.

Седиштето на Градското Поглаварство во периодот од 1919 до 1941 година, три пати ја менувало својата локација. Прво се наоѓало во Хаки-пашиниот конак (денеска кај училиштето *Истикбал)*, потоа на местото на денешниот Основен суд и најпосле на Бунар во близина на денешниот Дом на културата (кај Споменикот на револуцијата).

Во развојот на градот свој придонес дале и неговите претседатели: Васа Богојевиќ, Коста Парлиќ, Орестије Крстиќ, Стојадин Димитријевиќ, Томе Серафимовски и Томо Ристоски. Најмногу од нив врз промените на градот влијаел Орестије Крстиќ[104].

[104] *По народност Србин, бил роден во с. Александрово, блиску до Ниш, Србија во 1894 година.* (Изјава од 09. 08. 2007 на д-р. Ѓурица Крстиќ (1924 -), филолог во пензија од Белград, Србија, син на Орестије Крстиќ.) *Бил еден од петте деца во семејството, но надарен за учење. Татко му го испраќа на училиште во Ниш, а потоа во турската гимназија во Скопје. Таму научил одлично турски, француски и македонски (народен) јазик. Орестије студирал Шумарство во Нанси, Франција, каде што ја запознал и својата идна сопруга. Тие во Белград се венчале во 1922 година. Најпрвин со служба бил преместен во*

Се до 15. 08. 1919 год. во Македонија била во важност уредбата според која во Македонија била забранета секаква политичка активност[105]. За време на овој краток период се уште не било мирно. Во Тетовско се уште дејствувале качачките банди, болестите и епидемиите се уште биле присутни, шпекулативните дејности во трговијата, присуството на војската ја отежнувале севкупната состојба[106]. Безбедноста на граѓаните била се уште, критична со оглед на честите пљачкашки банди од Албанија. Состојбата од тој аспект се подобрила во 1921 година, кога жандармериските и воените сили воспоставиле поригорозна контрола на границата со Албанија[107]. Во тој период во државата функционирал капиталистичкиот повеќепартиски систем со силни ингеренции на Кралот. Партиите ги застапувале интересите на српскиот, хрватскиот и словенечкиот народ, иако во рамките на Кралството живееле и други народи. Повеќето од партиите биле наследнички на некогашните партиии од Кралството Србија, како и некогашната Австро-Унгарска монархија.

Во Кралството СХС во првите години по неговото формирање, постоеле околу 40 партии[108]. Во вардарскиот дел на Македонија, дејствувале *Радикалната*, *Демократската*, муслиманската *Џемиет*, донекаде *Републиканската* партија и до 1921 год., *Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти)* – (СРЈП(к)).

СРПЈ (к) се формирала во април 1919 година во Белград, брзо била прифатена и се проширила во Македонија. За нејзиното широко прифаќање во Македонија, заслужна е нејзината социјална и национална програма. Органот на оваа партија во Македонија, весникот *Социјалистичка зора*, одиграл значајна улога. На неговите страници, покрај отворените

Глина, па потоа во Тетово, како шеф на Шумската управа од 1924 до 1926 год. Од тука работел во Скопје, каде што е еден од основачите на првото Туристичко друштво, подоцна Сојуз во Македонија, под името "Југ", во 1928 година. Во периодот од 1928 до 1930 година, се враќа во Тетово, но како Претседател на Тетовското поглаварство, а потоа повторно на служба во Скопје и други градови.За време на своето работење во Тетово, но и во Скопје, превзел многу значајни чекори за подобрување на животот на населението: основач е на првото планинарско друштво "Љуботен" и неговата секција по скијање. Како управник на Шумската управа, успешно работел на разграничување на селските атари, шумите и пасиштата. Кога станал председател на Поглаварството на Тетово започнала регулацијата на улиците во градот, создадени се првите паркови и сквервови, изграден е првиот водовод. По враќањето во Скопје во триесеттите години, како еден од основачите и претседател на Туристичкото друштво "Југ", Орестије Крстиќ е многу привржан кон тетовскиот крај и најзаслужен за формирањето на Аеро клубот "Наша крила", неговиот школски аеродром во с. Жеровјане во 1932 година, изградбата на планинарските домови на Љуботен во 1931 година и на Попова Шапка во 1934 година и силно го потикнувал развојот на туризмот во овој крај.

[105] Љубен Лапе, Изборните борби во Македонија до Обзнаната со специјален осврт на учеството на КПЈ за Македонија, Историја, бр. 2, Скопје, 1984, 165.

[106] Истото, 155 - 156.

[107] Марија Јовановиќ, Просветно – политичките прилики во вардарска Македонија (1918 – 1929), Студентски збор, Скопје, 1983, 68.

[108] Александар Апостолов, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на кралството СХС, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1962, 88 - 89.

критики кон тогашниот режим на Кралството Југославија, не ретко се пишувало за нерешените политичко-економски и национални проблеми на Македонците[109].

Тешката економска состојба, невработеноста, гладот, болестите биле погодни за ширење на социјалистичките идеи, кои своите корени ги имале уште од 1908 година. Во 1913/14 година во Тетово имало 30 претплатници на весникот *Радничке новине*[110]. Во текот на 1918 година во Тетово се обновила работата на социјалистичката група, како дел од една пошироко организирана социјалистичка организација во Македонија[111]. Покрај социјалистичките идеи, оваа група ги подржувала федералистичкото уредување на балканските земји, во кои Македонија би била посебна федерална единица. Националното прашање во тој контекст не било разработено до крај и се држеле на концепцијата на Балканската федерација. Македонските социјалисти биле под идеолошко влијание на српските социјалдемократи, кај кои исто така се подржувала идеата за македонската посебност.

Уште во 1919 година во градот илегално дејствувала една група социјалисти[112].Од оваа група која се проширила, подоцна бил формиран и првиот одбор на социјалистичкото

---

[109] Историски архив, на комунистичката партија на Македонија, том први, одбарани материјали од *Социјалистичка зора* (бр. 3, 08. 02. 1920) за 1920, Култура, Скопје, 1951; Истото, Тих. Јевтиќ, Будење на Македонците, 50. Во оваа статија, меѓу другото е напишано: *Историјата на македонскиот народ е полна со таги и болки. Таа е историја на трајно робување. Поробени економски, политички и национално, Македонците одамна се предмет на најгруба експлоатација. Врз нивниот грб јаваа богаташите, разни претставници на отоманскиот корумпиран режим и пропагатори на разни шовинистички идеи: грчки, романски, бугарски и српски. Место својата сила да ја сконцентрира во борбата за економско и политичко ослободување, македонскиот народ ги даваше своите драгоцени животи за тоа да подпадне во канџите на бугарскиот, српскиот и грчкиот капитализам.*

[110] Глигор Тодоровски, Работничкото и социјалистичкото движење во вардарскиот дел на Македонија, Гласник, ИНИ, Скопје, мај-август 1988, 29.

[111] Бранко Надовеза, Македонските социјалисти во балканските војни и во Првата светска војна, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1999, 89.

[112] Меѓу нив биле Веселин Пандиловски,Лазар Личеноски, Јордан Ѓорѓевиќ, Гиго Спасеновски, Стевица Јовановиќ, Спасо Гавровски Кука, Љубо Младеновиќ – книжар со потекло од Ниш, Владо Поповски - бербер, Ѓорѓи Димитровски Ација, Симо Поповиќ, Димитрија Трифуновиќ, Крсто Спировски, Петар Јосифоски, Димитрие Момировиќ Мартин – земјоделец, Стојан Михајлов Митревски, Крсто Силјанов Силјановски – претприемач, Нико Симов Тофчевски, Крсте Костовски, Тоде Стојанов Петковски, Томо Бошњаковски – столар, Тоде Јовановски Љуро – Бакал, Стево Петров Трифуновски, Виктор Апостолов Стојчевски, Андро Савов Јовановски Чадија – Бојација, Димо Јованов Стојчевски, Тодор Трпковски, Глигорие Спасеновски, Милева Петковиќ – професорка, Младен Михајловски и др. ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење во Тетово (1919 – 1941), водени од Трпко Стаматовски од Тетово. На средбата учествувале Трпко Стаматовски, Младен Михајловски, Диме Мартиновски, Стојан Митревски, Петре Јосифовски Здравев Захарија Јанчевски, Веселин Пандиловски, Диме Јованов Стојчевски, Крсто Костовски, Стеван Трифуновски, Димитрије Трифуновски, Спасо Гавровски (Маневски) Жилчанец, Боро Нешовски, Стојан Стојчевски, Панта Николиќ, Блажо Цветковски; Стеногравски белешки од состанокот со учесниците во НОБ во Тетово, 5 и 6. 12 1955, Тетово, 7. На состанокот учествувале следните учесници во НОБ: Крсте Црвенковски, Крсте Марковски, Драган Спировски, Круме Наумовски, Томо Софрониевски, Слафка Фидановска, Живка Отунска, Благоја Буневски, Нада Антева, Милан Јовановски, Рада Бунеска, Зора Димитријевиќ, Ангелина Стојковска, Александар Мартиновски, Нешо Марковски, Наџо Јаниќ, Филип Брајковски, Никола Николовски, Спасо Гавровски, Симо Блажевски, Александар Апостоловски, Димче Савевски, Тодор Настовски, Иван Пешак, Иван Крстевски, Илија Белчевски, Саво Марчевски, Ѓоце Кочовски, Кочо Тулевски, Крумче Наумовски, Стојан Ѓорчевски, Аризан Несторовски, Марчевски, Мино Миноски и Светозар

движење. Првиот претседател на одборот во Тетово бил Лазар Личеноски, тогаш столар во Тетово. Други членови на одборот биле: Веселин Пандиловски, столар, Младен Миов, чевлар, Тодор Крстев, Димитрије Трифуновиќ, Љуба Младеновиќ, книжар, Гиго Спасеновски и др[113]. Оваа група се всушност основачи на Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) за Тетово. На 17. септември 1919 година формиран е и првиот огранок во Тетово[114]. За претседател бил избран Владимир Поп Петров, бербер, за секретар, Лазар Личеноски, благајник бил шивачкиот работник Младен Рафајлоски и др[115]. Во октомври 1920 година има повторно промена на раководството, со тоа што покрај Владимир Поп Томов, како претседател, за секретар бил избран Драгутин Ј. Танасијевиќ а за благајник Крста Спириќ[116]. Брзото формирање се должи пред се на прифаќањето од страна на Македонците на низа антирежимски начела во програмата на оваа партија

Набргу во есента 1919 година одржана е првата партиска конференција во кафеаната на Хаџи Томов[117], на која биле разгледани повеќе актуелни прашања. Во декември 1919 година на Конференцијата на македонските социјалисти во Солун, е дадена идеа за формирање на единствена социјал-демократска партија за Македонија. Истата иницијатива ја подржале и тетовските социјалисти[118]. Соработката на тетовските социјалисти со своите истомисленици од Скопје и некои градови во Косово, била заслуга најмногу на Гиго Спасеновски[119]. Претставници на тетовскиот огранок учествувале и на партиската конференција за Стара Србија и Македонија во јануари 1920 година во Скопје, на која е донесена одлука за издавање на партиски весник *Социјалистичка зора*[120]. Вториот месен партиски совет од февруари 1920 година го воделе: Претседател Димитрие Трифуноски, секретар, Лазар Личеноски и благајник, Младен Михајлоски[121]. На 22 февруари 1920 година, огранокот во Тетово организирал масовен собир, на кој пред околу 400 луѓе се зборувало за социјално – економските проблеми, за

Божиновски, Лазо Јовановски, Трпко Стаматовски, Бранче Максимовски и Ќани Багрија. Состаноците ги воделе членови на Историското одделение на ЦК СКМ: Лазо Мојсов, Славе Поповски, Велимир Брезовски и Славко Мандичевски.

[113] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 49.

[114] Љубен Лапе, Изборните борби . . ., 166; Орде Иваноски, Создавањето и дејноста на КПЈ во Тетово и Тетовско во легалниот период (1919 – 1920 година), Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 96; Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 - 1921), ИНИ, Скопје, 1992, 152 – 163.

[115] Иван Катарциев, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961, 69; Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 - 1921), ИНИ, Скопје, 1992, 152; Орде Иваноски, Создавањето и дејноста . . . цит. дело, 96. Други членови на тетовскиот огранок на СРПЈ (к) биле: Глигор Димитроски, чевларски работник, Стојан Михајлоски, шивач, Димитрие Трифуноски, волнар, Младен Михајлоски, чевлар, Веселин Пантески, бакал, Љуба Младеновиќ, книжар.

[116] Историски архив . . . цит. дело, 212 – 213.

[117] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 49

[118] Истото, 19 – 20.

[119] ЖивкоСтефановски, Миле Арсениевски, *Од револуционерното минато на Тетово,* Работнички универзитет Тетово, Тетово, 1970, 10.

[120] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 20.

[121] Орде Иваноски, Создавањето и дејноста . . . цит дело, 99..

незадоволството од политиката на режимот во Кралството СХС. Според написот на еден новински допис во весникот *Социјалистичка зора*, за овој настан, напишан од Лазар Личеноски, говорите биле силно подржани од присутните граѓани, а кога било споменато дека Македонија го добила своето име по својата голема мака,(*од голема м'ка се стори Македонија*)дел од присутните дури и заплакале[122]. Партиската организација од Тетово покажала голема предизборна активност, преку собири во кафеаните, бидејќи биле дозволени од властите само во затворени простории, а подоцна партијата се здобила со партиски дом[123]. Тетовската партиска организација покажала голема соработка со скопската организација[124]. Врз активистите на СРПЈ (к) во Тетово се вршени политички притисоци од страна на претставниците на власта, кои отворено ја користеле својата службена позиција за терор и закани врз населението[125], а комунистите со инсинуации се оклеветени дека се *платени бугарски агенти*. Од партиските членови најлошо поминал Лазар Мачановски, кој бил приведен во полиција затоа што лепел партиски плакати. Во притвор истиот е држен три дена каде што бил претепан и со закани пуштен, сосема исцрпен[126]. Началникот на полицијата му се заканил и на претседателот на тетовските комунисти Димитрија Момироски, учителката Милева Петковиќ и на Димитрија Молеровиќ кој е заплашен дека по изборите ќе има *толку мртви глави колку што комунистичката листа ќе добие* (гласачки – заб. Б.С.) *топчиња*[127]. Пред самите избори, главниот собир на партијата се одржал во куќата на Блаже Цветановски[128].

Во Тетово, покрај СРПЈ (к), дејствувале и Радикалната партија, Демократската партија и Џемијет[129].

Радикалната партија била најблиска партија на кралскиот двор и претставник на крупната српска буржоазија. Истата партија имала најголемо влијание врз составувањето на *Видовденскиот устав* и била еден од најголемите подржувачи на великосрпската идеја. Воедно оваа партија била со најголемо влијание за време на постоењето на Кралството СХС, подоцна Југославија[130]. Претставниците на оваа партија во Тетово, преку своите експоненти во власта пред се во полицијата и општината, мошне агресивно постапувале врз опозицијата и населението. Во редовите на Радикалната партија во Тетово, покрај просрпските елементи и

---

[122] Истото. Историски архив . . . цит. дело, 180 (С.З. бр. 9, 29. 02. 1920).
[123] Истото, 97.
[124] Истото, 97 – 98.
[125] Истото, 99,100
[126] Истото, 105; Иван Катарциев, Положбата на комунистичкото движење во Тетово од обзнаната до шестојануарската диктатура 1929 година, Тетово и Тетовско во НОВ, 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, 1991, 110.
[127] Иван Катарциев, Положбата на комунистичкото . . . цит. дело, 110.
[128] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 20. На тој собир за првпат е испеана Интернационалата, а со хорот раководел Ѓоре Ација.
[129] Орде Иваноски, Создавање и дејноста . . . цит. дело, 102 – 103.
[130] Александар Апостолов, Струи, влијанија . . . 89.

Србите кои биле во чиновничкиот апарат, се придружиле и извесен број на муслимани Албанци и Турци. Радикалите меѓу муслиманите пропагирале дека, доколку на власт дојдат комунистите, џамиите ќе бидат срушени а муслиманските жени одбулени[131]. Во тетовскиот изборен округ на кандидатската листа на Радикалите биле истакнати 6 кандидати[132].

Во Привременото народно претставништво на штотуку обединетото Кралство СХС, од Македонија биле избрани двајца радикални претставници од кои за Тетовскиот округ бил адвокатот Никола Дрмоњчиќ[133]. На изборите за Конституантата во 1920 година, во Македонија, радикалите претрпеле тежок пораз. Во Тетовскиот округ од 13.211 гласа , Радикалната партија добила 3.506 гласа и еден мандат[134].

Демократската партија е создадена како опозиција на Радикалната партија, со цел во земјата да го амортизира меѓунационалните и меѓупартиските нетрпеливост, блага децентрализација на власта со подршка на капиталистичките кругови и Монархијата. Демократската партија во Македонија била мамец за слабо развиената ситносопствничка капиталистичка класа. Но на листата на Демократите се кандидирале поугледни граѓани од оние на Радикалите[135], но и оваа партија настапувала против Комунистите[136]. Во Тетовскиот округ оваа партија освоила 6.307 гласа и три мандата[137].

Џемиет, била партија која ги застапувала интересите на граѓаните од муслиманска вероисповед во Кралството. Џемиетот, всушност најмногу ги застапувала интересите на големопоседниците, односно некогашните бегови и паши и развила соработка со големосрпските партии во вардарскиот дел на Македониија, за заедничка подршка[138].

Републиканската партија, која во својата суштина била опозициски настроена кон актуелниот режим, се залагала за републиканско, перспективно и федерално уредување на

---

[131] Орде Ивановски, Создавање и дејност . . . 102.
[132] Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1929), ИНИ, Скопје, 2004, 53. На листата биле истакнати следните кандидати: Марко Трифковиќ, министер за правда од Белград; Кадри Сали, претседател на општината Гостивар; Абдураман Реџепашиќ, рентиер од Тетово; Угрин Јоксимовиќ, трговец од Никифорово; Милорад Зебиќ, инспектор во министерството за трговија и индустрија од Скопје; Милан Апостоловиќ, инжинер од Тетово.
[133] Александар Апостолов . . . цит. дело, 90.
[134] Истото, 91.
[135] Надежда Цветковска, Политичките партии . . . цит. дело, 59. Тие биле: Лазар Јанкуловиќ, директор на гимназијата во Тетово; Ќамил Јашарбеговиќ, рентиер од Скопје; Аќим Абдул Икмет, учител по веронаука од Гостивар, Јован Ќириќ, учител од Тетово, Јања Константиновиќ, судија од Тетово; Заменик: Јован Обрадовиќ, адвокат од Тетово.
[136] Истото, 56.
[137] Александар Апостолов, Струи, влијанија . . . цит дело, 93.
[138] Надежда Цветковска, Политичките партии . . . цит. дело, 65. На листата во тетовскиот округ се нашле следните кандидати: Халим бег Дерала, поранешен претседател на општина Ѓаковица; Пуниша Рачиќ, трговец од Скопје; Ибрахим Абдул Мецит, трговец од Тетово, Коста Парлиќ, трговец од Тетово, Никола Дрмончиќ, адвокат од Тетово; Заменик: Панта Јовановиќ, секретар на Министерството за надворешни работи од Белград.

Кралството СХС, а дел од неговите членови јавно настапувале во одбрана на македонските национални интереси[139]. Оваа партија, која дури воспоставила добри релации со СРПЈ (к), поради големите притисоци, закани и оневозможувања, не настапила со своја листа во Тетовскиот изборен округ[140]. Така нејзиниот кандидат за носител во Тетовскиот округ, за изборите во 1923 година, Станислав Милијановиќ, бил цел на физички напад од Здружението на четниците во Тетово. За негова среќа, наместо него го нападнале г. Кандиќ, поранешен околиски началник, кој одел неколку чекори позади него[141].

Во 1920 година, најпрвин се одржале локалните избори на кои поради агресивната кампања на радикалите, тетовските комунисти ги бојкотирале изборите. На парламентарните избори во декември 1920 година, и покрај ненормалните услови за учество и спроведениот бел терор[142], се кандидирале и претставниците на тетовската организација[143]. СРПЈ(к) на овиеизбори добила 15 пратеници од Македонија. Во Тетово и покрај разните притисоци[144], како пратеник на СРПЈ (к), бил избран Драгутин Тасиќ[145].

Ваквите успеси на комунистите предизвикале загриженост меѓу режимските партии и со брза недемократска акција донесена е *Обзнаната* на 29. 12. 1920 година. Веднаш по овој акт на Уставотворното собрание донесен е и *Законот за заштита на државата*, со кој дел од комунистичките пратеници и партиски дејци биле уапсени. Оваа партија со своето дејствување прешла во илегала а со текот на времето нејзините активности сосема замреле. Во 1923 година во Скопје функционирал илегален Обласен комитет на Партијата со 11 месни комитети, меѓу кои и тетовскиот, кој бил поделен на две ќелии. Ќелиите имале од 3 до 7 члена[146]. Нејзините членови политички ги подржувале оние партии кои во парламентот биле подемократски. Така комунистите во Тетово добиле задача, во триесеттите години да ја подржуваат демократите на Влаиќ и Љуба Давидовиќ[147]. Од првата група социјалдемократи во 20-тите години на 20. век, по Обзнаната, познати се мал број на активности што укажува на замирање на нивната активност. За одбележување е големиот првомајски собир во организација на *Работничкиот*

---

[139] Истото, 60 – 61.
[140] Истото, 182 - 186
[141] Истото, 185.
[142] Социјалистичка зора, Изборни терор, У Тетову, бр. 125, Скопље, 02.09.1920, 2; Истото, Изборни терор у тетовском округу, бр. 126, 26.11.1920, 2; Истото, Избори у Македонији, бр. 128, 01. 12.1920, 1-2; Јован Јанев, КПЈ во парламентарните . . . цит. дело, 156 - 163;
[143] Истото, 83. На листата биле следните кандидати: Драгутин Тасиќ, наставник од Скопје; Младен Михајловиќ, чевлар од Тетово; Коста Спириќ (Крсте Спиркоски), трговец од Тетово, Глигорије Спасиќ (Глигор Спасеноски), бакал од Тетово; Михајло Диниќ, наставник од гимназијата од Крушевац; Заменик, Антоније Грубишиќ, судски писар од Скопје.
[144] Истото, 86 – 87.
[145] Љубен Лапе, Изборните борби . . ., 172; Јован Јанев, КПЈ во парламентарните . . . цит дело, 177 - 178.
[146] Иван Катарциев, Положбата на комунистичкото . . . цит. дело, 112.
[147] ДАРМ, одд. Тетово, Стеногравски белешки . . . цит. док. 43.

покрет[148] селото Порој во 1924 година, каде учествувале и членовите на СРПЈ (к), кога Веселин Пандиловски одржал говор пред околу 500 луѓе[149] и учеството на делегатот од Тетово на Обласната конференција на КПЈ во Македонија во Скопје. Таа конференција е поврзана со Третата земска конференција во Белград, одржана три месеци претходно, на која била донесена резолуцијата за македонското прашање.

Во парламентарните избори во следните години, од 1923 па се до 1929 година, кои се одржувале на речиси секои 2 години. За овој период се карактеристични неколку појави: раслојување и прегрупирање на граѓанските партии, заострување на политичката борба, во која се поголема улога играл кралскиот двор. Фаворизираните српски граѓански партии, Радикалната и Демократската со помош на Дворот и силната воено-полициска и административна структура доминирале на политичката сцена во вардарскиот дел на Македонија. Нивната меѓусебна борба била жестока, но во едно биле единствени а тоа е антиреволуционерната и антимакедонска борба.

Покрај обидите на партиите СРПЈ (к) и Републиканската партија кои се обидувале, барем во дел од нивните редови, македонското национално прашање да се издигне на ниво на рамноправно во рамките на Кралството СХС, од редовите на Демократската партија се издвоиле некои од нејзините пратеници од Македонија, на чело со Глигор Анастасов, кои отворено се застапиле за формирање на Македонска партија, преку која би се барало на Македонците, заедно со другите словенски народи во државата, да им се гарантира еднаквост пред законите и слободно изразување на националното чувство[150]. Ваквите заложби на овие пратеници биле забранувани, дури и нивните обиди за независна група на пратеници заедно со некои други не вродиле со плод.

Носителите на листите на граѓанските партии во Тетово, речиси без исклучок биле претставници на великосрпската политика од редовите на највисоките државни функционери, високи чиновници кои по потекло не биле од Тетово и Тетовско[151].

Во илегалниот период по обзнаната па се до 1934 година, во Тетово дејствувала уште една група комунисти, која дејствувала илегално и била прогонувана од властите[152]. Лидер на оваа група бил Момчило Ќирић, студент од Тетово. Членови во неа биле: Јован Мојсиќ, Панта Николиќ, банкарски службеник, неговиот брат Никола Николиќ, Васил Томовски, Трпе Божиновски – чевлар и др. Оваа е новата генерација на социјалисти - комунисти во Тетово во

[148] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. док. . . 26.
[149] Јован Павловски, Живко Стефановски, Полог . . . цит. дело, 50.
[150] Надежда Цветковска, Полотичките партии . . . цит. дело, 174 – 180. Во 1930 година, после неуспесите во своите намери Глигор Анастасов, се поврзал со пробугарската група, која упатила петиција до Друштвото на народите во 1930 за заштита на *бугарското малцинство во Југославија.* (истото, 239).
[151] Истото, 53, 59, 68, 83, 96, 111, 113, 126, 132, 165, 173, 213, 218, 239 и др..
[152] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. док. . . .21, 33 – 34.

периодот меѓу двете светски војни, во која не влегле оние од првата генерација поради опасност од компромитирање[153]. Оваа група на тетовски комунисти соработувала со нивните истомисленици од Скопје а во Тетово доаѓале искусни комунисти од Скопје, како што се Љубо Петровиќ Конзул и Цеко Стефанов и др. По разбивањето на скопската организација, некаде околу 1927 година, тетовските комунисти продолжиле да комуницираат со организацијата од Куманово, меѓу кои биле Кочо Попов, брачниот пар, професори Мијалковиќ и др.[154]. Момчило Ќириќ имал врски и ја помагал организацијата на првиот нерегистриран синдикат на занаетчиските работници во градот. Поради сите овие активности бил, прогонуван и апсен од жандармеријата[155]. По атентатот врз полискиот службеник, Велимир Прелиќ во Скопје во 1928 година, кој го извршила тетовчанката Мара Бунева. Покрај членовите на ВМРО, бил прогонувани и членовите на КП во Тетово, со што се почуствувал застој во работењето на овие активисти[156].

Првото илегално работничко организирање во Тетово, било организирано околу 1922 година, кога Спасо Гавровски (Маневски) – Жилчанец се вратил од тригодишнато работење како железничарски работник во Скопје. Таму уште во 1920 година се вклучил во синдикатот на железничарите и учествувал во големите железничарски штрајкови[157]. Со такво искуство, во 1922 година дошол во Тетово да работи како калфа. Тука, за разлика од Скопје каде работниците се изборале за 8 часовно работно време, во Тетово се работело и до 16 часа. Овие околности и барањето од скопската синдикална организација, тој да организира нешто слично во Тетово со занаетчиските работници биле повод Спасо Гавровски да организира една ваква работничка синдикална неформална иницијативна група од 20 – 25 члена[158]. Спасо побарал помош и од Момчило Ќириќ, кој му помагал во организационият дел. Првиот собир на околу 150 чираци и калфи од Тетово се одржал во 1923 година. На тој собир избрана е привремена управа на работничката организација, без дозвола на властите[159]. На овој поширок собир се одбрани во управата Спасо Гавровски, Никола адвокатот (Никола Павловски Бутика), а влијание имале и Момчило Ќириќ и Владо Берберот. Членовите плаќале членарина по 5 динари. Состаноците се држеле во клуб и на таа адреса стигале печатени материјали од Загреб. Клубот бил отворен со организирани дежурства во него. Званично оваа организација, членовите ја викале *Работнички покрет*[160].

---

[153] Истото.
[154] Истото, 33.
[155] Драго Симовски . . . цит. инф.
[156] Иван Катарциев, , Борба до победа, книга 3, Мисла, Скопје, 1983, 257 – 258.
[157] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. док., 21 – 23.
[158] Истото, 23.Во таа организација биле и Васил Кондурацијата, Симо Црниот, Коле Шнајдерот, Спиро Јагом, Толе Меанција и др.
[159] Истото, 24.
[160] Истото, 26.

Направени биле уште неколку збора на кој се формирани гранкови пододбори (столари, кројачи, јажари, самарџии, чевлари и други), а на еден од нив се собрале околу 400 луѓе. На овој голем собир било решено да се бара скратување на работното време на чираците и калфите во градот. Била формирана делегација која настапила на состанокот на Занаетчиското здружение, кое се одржало во хотел *Београд*. Откако е поднесено барањето, пред ова здружение, мајсторите изразиле големо незадоволство, но сепак се согласиле да преговараат. Во преговорите, работничката организација на калфите и чираците во Тетово се изборила за 9 - часовно работно време.[161]

Соработката на неформалната синдикална организација со комунистите и напредните студенти од градот, позитивно влијаела врз организирањето, но и во обезбедувањето на литература, која во Тетово, студентите ја носеле од Загреб. Оваа успешна организација на занаетчиските работници не останала незабележана од властите. Токму затоа, организаторите биле повикани во жандармеријата, каде што со закани, притисоци следења, приведувања и други мерки биле принудени драстично да ги намалат активностите.

Последна голема акција на *Работничкиот покрет* во Тетово бил при организирањето на првомајската прослава во с. Порој во 1924 год., на која учествувале околу 500 работници[162]. На оваа манифестација учествувале и дел од социјалистите од 1921 година и групата на Момчило Ќирић. Манифестацијата била проследена со говори кои ги следела и жандармеријата. Од 1925 година, активностите на работничкото движење драстично се намалиле, ново заживување имало дури во средината на триесеттите години[163].

Активностите на ВМРО во Тетово во периодот меѓу двете светски војни се сведувал на мошне мал број на активности и луѓе. Главната цел на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, била *ослободување и независност на цела Македонија,* или минимална програма: *Македонија да биде рамноправна единица во рамките на Југославија или во Балканска федерација*, при што македонското население во Кралството го третирала како бугарско[164]. ВМРО под водството на Иван Михајлов и со помош и клучно влијание на бугарската држава се претворила *од внатрешна во надворешна организација, односно од револуционерна и ослободителна во терористичка и емигрантска*[165].

[161] Истото, 25.
[162] Живко Стефановски, Миле Арсениевски, Од револуционерното минато на Тетово, Работнички универзитет Тетово, Тетово, 1970, 13 - 14.
[163] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. док., 28 – 29.
[164] Зоран Тодоровски, ВМРО 1924 – 1934, РОБЗ, Скопје, 1997, 244.
[165] Истото, 246.

Најистакнати членови на ВМРО во Тетово биле Мара Бунева и нејзиниот брат Борис Бунев[166]. Семејството Буневи од Тетово е една класична тажна, би рекле, трагична приказна на Македонците од тој период. Потекло на Буневи е од редовите на тетовските Власи[167], кои во текот на 19. век полека се претопиле со Македонците во градот. Во втората половина на 19. век, опфатени од пропагандните дејности на Бугарија и Србија и семејството Буневи ја доживува поделбата на семејството како и повеќе такви во градот[168]. Така во семејството Буневи, едниот брат на Мара, Борис, бил бугарски офицер и главен воен инструктор на ВМРО на пиринскиот дел на Македонија[169], окружен информатор за Скопската област на службата за разузнавање и информирање на ВМРО а самиот издавал наредби и учествувал во некои ликвидации на членови на ВМРО Обединета во Неврокопско[170], дедека помладиот брат Лазар бил српски офицер[171]. Нивната дејност се одвивала надвор од Тетово, а во градот поради малиот број на активисти, нивната дејност се сведувала на тајно пропагирање на идеите на Организацијата.

Мара Бунева, заедно со нејзиниот брат Борис Бунев емигрирала во Бугарија каде преку него се вклучила во Организацијата. Таа во Бугарија се согласила да биде дел од терористичката програма, за чии идеали била спремна да го жртвува и својот живот. За да ги исполни овие цели, Мара Бунева поминала низ еден опширен и разновиден тренинг на спорт, стрелба, на издржливост и психолошка подготвеност. Според водачот на ВМРО, Ванчо Михајлов, Бунева се *револтирала од грозотиите на српската власт*[172]. Во Софија, Мара Бунева се запознала и се венчала за еден бугарски офицер.

---

[166] Во македонската историографија, до денес не е доволно истражувано за животот и дејноста на Мара и Борис Буневи, односно не е создадено дело кое би било посветено на овие истакнати членови на ВМРО, и би ја отсликало реално нивната улога во македонски случувања. Внуката од сестра на Мара Бунева, Анче Герасимова, во една прилика ќе изјави: *Многу невистини се кажуваат за тетка ми Мара и се валка нејзиниот образ. Таа била мажена, а атентатот го извршила од патриотски побуди . . . Тоа што го знам ми го кажа мајка ми. Таа раскажуваше дека тетка ми, додека работела низ куќата, секогаш пеела песни за Гоце Делчев, за Јане Сандански и плачела. Им се восхитувала на македонските револуционери. . . Некој ќе рече овие биле бугаромани , другите србомани. Такви биле тогаш времињата. А дали можеш некого да судиш за тоа. Тогаш никој не можел да каже дека е Македонец. Ние дома сите се чувствуваме Македонци. И сестра ми и брат ми, кој почина многу млад. Беше голем патриот. И мајка ми и татко ми се чувствуваа Македонци.*

[167] Според сеќавањата на Драго Симовски (1920 – 2010): *семејството Буневи имаше влашко потекло како и повеќето семејства во истото маало, односно сите ние кои бевме нивни комшии го знаевме тоа, како што сме го чуле од нашите родители и постари сограѓани.* Изјава 11. 11. 2006 г.

[168] Кузман Најденовски, Тетово во минатото . . . цит. дело, 63 – 64.

[169] Зоран Тодоровски, ВМРО 1924 – 1934, РОБЗ, Скопје, 1997, 50.

[170] ВМРО (Обединета), документи и материјали, книга втора, ИНИ, Скопје, 1992, 131, 135, 148.

[171] Виктор Цветаноски, Кој беше Ванчо Михајлов, Утрински весник, 25. 02. 2010, 11, фељтон бр. 12.

[172] Истото; Ивань Михайловь, Спомени, ИИИ. Освободителна борба 1924-1934, Лоуваин, 1967, 363 – 376. Зоран Тодоровски, ВМРО . . . цит дело, 142. Додека била во болница се уште свесна, лекарите ја прашале зошто го убила Прелиќ, а таа одговорила дека тоа сторила со зборовите: *Го убив зошто тој ги измачуваше моите млади сонародници, македонските студенти – ја сакам својата татковина*

Во мај 1926 година, таа се вратила во Тетово а после извесно време се преселила во Скопје. Таму успеала смислено да се наметне меѓу српските влијателни луѓе, а живеела под кирија, во куќата на Хаци Ристиќ, братот на скопскиот градоначалник и сенатор Спиро Хаци Ристиќ. Во Скопје, Бунева отворила шивачки салон, во кој се зближила со членови на најугледните скопски семејства. На ваков начин, таа стекнала доверба во тие кругови.

Она по што оваа тетовчанка ќе биде запаметена е нејзиниот атентат на 13. 01. 1928 година извршен врз Велимир Прелиќ, полициски службеник – правен советник во Скопје. Таа го пресретнала на кејот на Вардар во центарот на Скопје и испукала три куршуми во него, а потоа еден во себе и се обидела да се фрли во реката Вардар, но не успеала. Мара Бунева, тешко ранета била однесена во скопската болница, но после два дена и покрај напорите на лекарите да и го спасат животот, починала[173]. Овој храбар чин на тетовчанката ги запрепастил српските власти а ги импресионирал членовите на ВМРО и сите кои биле незадоволни од српската власт во Македонија. Во нејзина чест, насекаде низ Бугарија биле одржани многу панихиди, како од македонските емигранти и нивните организации, така и од бугарските власти. Во еден алманах на македонските Власи во Романија, *Алманахул Ароманеск* (1928 г. Ст. 93 – 101), авторот на текстот посветен на Мара Бунева напишал: *Мара Бунева спаѓа меѓу маченицитe на Македонија, кои сакале да умрат за својата татковина. Македонците го празнуваат споменот на таа македонка, која ја прогласија за убавата маченичка на потисната Македонија*[174].

Последиците од ваквите атентати и акции на ВМРО, мошне негативно се одразиле врз Македонците со осветничките акции на српските власти во кои само во периодот од 1919 до 1929 година, имало 1400 политички убиства и околу 25.000 луѓе биле затворени[175]. И од овој атентат се почуствувале последиците и во Тетово и низ вардарскиот дел на Македонија. Некои од членовите на семејството биле уапсени и малтретирани. Таткото на Мара, Никола Бунев, бил држен во затвор 8 месеци. Братот Лазар бил убиен а исто така и нејзиниот братучед, адвокатот Борис Андрејчин[176].

Дваесеттите години на 20. век во Тетово се карактеризираат со постојана политичка напнатост. Освен забраната за дејствување на Комунистичката партија, строгата цензура на весниците, забраната за слободно политичко и национално изјаснување, апсења и

Македонија и ќе умрам за неа. За ваквите искажани зборови, најмногу пишувале македонските емигрантски списанија.

[173] Истото. Се мисли на судскиот процес на македонските студенти во Скопје: Ѓузелов, Нецев, Андреев, Светиев, Боздов, Фукаров, Чкатров, Шопов и Гичев. Екатерина Гошева, Мара Бунева, живот и дело, София, 1994, 13.

[174] Екатарина Гошева, Мара Бунева . . . цит. дело, 15.

[175] Зоран Тодоровски, ВМРО . . . цит. дело, 146 - 155.

[176] Истото, 153.

прогонството на членови на КПЈ и михајловистичката ВМРО, имало и инструирани судски процеси против одредени граѓани. Сите видови на национално изразување на Македонците биле строго контролирани и оневозможувани и се прогласувани за *бугарски*, со што се давало тежина на таквиот прекршок поради долгогодишниот конфликт и повеќето воени судири на Србите и Бугарите околу Македонија.

Во еден свој извештај на директорот на тетовската гимназија Драгомир Димитријевиќ од 1923 година до Министерот за просвета се вели дека успеал да спречи да се прослави 20 – годишнината од Илинденското востание во просториите на тетовската гимназија, од страна на читалницата *Матица*и пеачкото друштво *Бинички*[177]. За него провокација било и основањето на Соколското друштво на денот на *Св. Кирил и Методиј*[178]. Истиот директор тврди дека овие празници биле бугарашки и дека денонoќно е посветен како *малите Македонци*, да ги претопи да се чувствуваат и мислат српски[179].

Еден судски процес се случил во 1924 година[180], кога група граѓани од Тетово биле обвинети дека на празникот *Св. Атанасиј* – летен (15. мај), на кој традиционално се прославувал од тетовчани на тетовското кале, каде се наоѓала и истоимената црква, пееле македонски песни кои од тужителите се оквалификувани како бугарски и антисрпски. Меѓу оптужените биле: Тодор Бојаџијевски – Пристав (43), трговец, Крсте Серафимовски – Абаз, (51), чевлар, Глигорије Аврамовски (45), мутавџија, Илија Герасимовски – Мачур (50), трговец и Илија Стојчески Маќинѓија (48), волновлачар, татко на народниот херој Ѓоце Стојчески - Амбарче. Кон оваа група оптужени, некои од тужителите го приклучиле и попот Диме Саров. Повеќето од оваа група биле оптужувани и порано за *бугарашство*, но секогаш од судот се ослободувани поради немање доволно докази. Најголемиот нивни грев, според бранителите – адвокати, всушност бил фактот, што овие луѓе до 1912 година биле припадници на егзархиската црква во Тетово. После неколкумесечен притвор во окови, започнал судскиот процес во кој на крајот се покажало дека оптужените Македонци пееле македонски песни кои во Тетово се пееле уште во 19. век, дека не биле бугарски ниту биле со антисрпска содржина, како што лажно биле обвинети[181].

---

[177] ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија Тетово, пов. Бр. 5, 25. 08. 1923 г.), АК. 38.
[178] Истото.
[179] Истото.
[180] ДАРМ, одд. Тетово, Ф. Бр. 225, Тетовски првостепен суд (1919 – 1940), несреден, АК – 15, ар. Бр. 846 – 851.
[181] Посебно интересен е случајот со пеењето на една тетовска комитска песна *Синојка ми дојде,* (Андро Апостолоски, Јован Дамјановски, Народни песни од Тетово, КУД Иљо Антески Смок, 46) во која тужителите додале свои зборови со што песната требало пред судот да изгледа не само бугарска туку и антисрпска. Бранителот на оптужените, тетовскиот адвокат Симо Момировски, успешно ја одбранил невиноста на оптужените, а околу потеклото и чија била песната, меѓу другото истакнал: *Тетовскиот првостепен суд во пресудата констатирал дека лично се уверил со утврдени докази (сомнителни*

Процесот направил голема штета за неправедно осудените и нивните семејства но и една мачна атмосфера меѓу граѓанството.

Македонските револуционерни песни во Тетово продолжиле и понатаму да се пеат, но граѓаните ги пееле по куќите во потесен круг на луѓе[182].

На 06. Јануари 1929 година, воведен е апсолутистичкиот режим на кралот Александар. Постоењето на граѓанските партии било укинато. Но таквата состојба траела нешто повеќе од две години со Септемвриский устав од 03. 09. 1931, кога повторно заживеал повеќепартискиот живот. Во триесеттите години политичката сцена во Кралството Југославија добила нова жестина на меѓупартиската борба во која до најголем израз дошле меѓукласните и меѓунационални конфликти. Во вардарскиот дел на Македонија, државата егзистирала со теророт на повеќеилјадна жандармерија и чиновничкиот апарат. Диктатурата на кралската династија го достигнувала својот врв. Борбата на ВМРО за посебна македонска држава сериозно ги загрозувала српските интереси во Македонија. ВМРО на Иван Михајлов, покрај борбата за државност, македонското национално прашање го третирала како дел од бугарското, што предизвикувало оваа организација да нема доволно приврзеници во вардарскиот дел на Македонија.

Во овој период доминантна партија станала Југословенско радикално – селска партија (ЈРСД)[183]. Од 20.07.1933 името на партијата ЈРСД е сменето во Југословенска национална странка (ЈНС)[184]. Оваа партија била експонент на кралската династија и во 1934 година била единствената партија која низ Македонија формирала клубови на свои приврзеници, блиски до

сведоци) дека оптужените навистина пееле инкриминирани песни, со цел убедување дека треба со злосторство да се смени денешниот режим . . . Интересно е што на судот не му е познато како гласат песните во целина, ниту судот се впуштил во тој правец барем нешто да дознае. Затоа што, за да се даде суд за една работа, потребно е таа работа да се дознае во целина и нејзините поединости. Меѓутоа, судот знае од секоја песна по неколку зборови и врз основа на тие зборови донел пресуда. Мене како на тетовчанец песната "Како ќе минем . . ." ми е позната во целина. Оваа песна не содржи инкриминирани зборови, ниту е бугарска комитска песна, туку чисто македонска и гласи вака:

Синоќ (синојка) ми либе од гурбет дојде, пак ќе си идеш (2)
Не плачи лудо, не жали младо пак ќе си дојдем (2)
Како ќе минеш, либе, таја Шар Планина полна со ајдуци ? (2)
Лесно ќе минем, душо, таја Шар Планина пушке хврлајќи.
Како ќе минеш либе, таја река Вардар мутна и крвава (2)

Лесно ќе минем срце, таја река Вардар, коња јахајќи.
Како ќе минеш либе, тоа Овче Поље полно со овчари?
Лесно ќе минем, душо, тоа Овче Поље песње певајќи (2)
Вака во целина гласи оваа песна. Зборовите сум ги напишал како се во песната. Од истите се гледа дека е тоа една српско- македонска песна[181].

[182] Савица Давидоска, (1926 - 2011), пензионерка од Тетово; Николина Обадиќ (1932 -), пензионерка од Тетово.

[183]Надежда Цветковска, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935 – 1941), ИНИ, Скопје, 1996, 13.

[184] Истото, 14.

власта. Опозиционите партии, го изразуваа своето големо незадоволство од ваквата состојба без конкретни потези. По убиството на кралот Александар на 09. 10. 1934 година, започнал нов период во општествено-економскиот и политичкиот живот[185]. До изборите во 1935 година, со Владата раководела партијата на премиерот Богољуб Јевтиќ, ЈНС. По распишувањето на новите избори Богољуб Јевтиќ, составил изборна листа, посебно од неговата партија. ЈНС како партија била затекната од новата ситуација и дошло до конфузија. По кратко време, во поголемите градови во Македонија, а со тоа и во Тетово, поголемиот дел од приврзениците на партијата се приклучиле на земската листа на Богољуб Јевтиќ[186]. Во Тетово, оваа листа добила подршка и од тетовското Занаетчиско здружение. Главното мото на Богољуб Јевтиќ била борбата за зачувување на Кралството и југословенството[187]. Кандидати на оваа листа за Долнополошката околија биле: Младен Арсенијевиќ, судија во пензија од Призрен и Стојадин Димитријевиќ, кожар од Тетово[188].

Опозицијата немајќи многу време за групиарање, станува конгломерат на најразлични опции кои противречеле една на друга, но како Здружена опозиција поставиле една заедничка цел: да ја симнат режимската влада на Јевтиќ. Во едни такви околности, најдоминантни партии во Здружената опозиција биле Демократската партија, Земјоделската партија и хрватската партија на Владимир Мачек[189]. Во Долнополошката околија, кандидати на здружената опозиција биле: Божидар Влајиќ, адвокат од Белград и Михајло Божовиќ, адвокат од Тетово[190].

Во 1934 година, Виктор Аќимовиќ, направил обид да формира огранок на *Југословенската народна партија*. Тој како иницијатор, ја пропагирал програмата на оваа партија во својот весник *Тетовске новине*. Во одсуство на забранетата СРЈП (к), комунистите во Кралството Југославија се обидувале да ги изразат своите ставови преку други партии. Еден таков обид бил и преку Југословенската народна партија. Од партиската прогарама, Аќимовиќ ги истакнал следните определби: поголеми права и подобра економска положба на работниците, занаетчиите и земјоделците, слобода на изјаснувањето, слобода на печатот, независноста на судовите, деполитизација на државните службеници, широка административна самоуправа и т.н. Но по сè изгледа дека оваа иницијатива не вродила со плод, со оглед на односот кој локалните државни власти го имале кон него. Тој бил, обвинуван од Јавното

[185] Истото, 15.
[186] Истото, 21.
[187] Истото, 22 – 23.
[188] Истото, 24.
[189] Истото, 26.
[190] Истото, 28.

обвинителство, казнуван, а неговиот весник во секој број забрануван, за да по 10-тиот број, сосема му е забрането неговото печатење[191].

Највлијателните српски граѓански партии на Радикалите и Демократите и понатаму македонското прашање во делот на Кралството Југославија, го третирале како српско национално прашање. Така во 1935 година дошло до несогласувања меѓу двајцата кандидати на Демократската партија за тетовската околија, Ацо Николиќ, носителот на листата и вториот кандидат, Спасо Гавровски, околу прашањето за судбината на Македонија[192], по што Гавровски се откажал од понатамошната предизборна кампања.

Крајно десничарските српски партии на Божидар Максимовиќ и Љуба Давидовиќ, предложиле свои кандидати во Македонија, избрани меѓу докажаните *национални работници.* На листата на Божидар Максимовиќ за Долнополошката околија бил предложен Марко Петровиќ, учител во пензија и поранешен народен пратеник[193]. На листата на Љуба Давидовиќ за оваа околија се нашол Спира Спириќ, приватен службеник од Тетово[194]. На изборите, најмногу гласови добила листата на Јевтиќ, благодарејќи на насилието а не вистинската желба на народот, а во Долнополошката околија, пратеничко место добил Стојадин Димитријевиќ[195]. Во едни такви услови, Владата на Јевтиќ со тесната победа не можела да се одржи поради големото незадоволство во државата и на 24.06.1935 година, истата паѓа и се формира нова на чело со Милан Стојадиновиќ[196]. Околу новата Влада се формира и новата Југословенска радикална заедница (ЈРЗ). Во нејзината програма оваа партија се повикува на шестојануарската политичка програма. Иако оваа партија прави компромис со хрватската парија и партијата на муслиманите, таа сепак не се откажува од нејзината унитарна политика. Набрзо во Македонија, од привржениците, оваа партија формирала свои месни, општински и околиски одбори[197].

На изборите 1938 година, кандидати на листата на Стојадиновиќ, за Долнополошката околија биле Стојадин Димитријевиќ и др[198]. Здружената опозиција во Тетово била претставена

---

[191] Бранислав Светозаревиќ, магистерски труд, Архивските и историските аспекти на архивскиот фонд Виктор Аќимовиќ, Универзитет *Св. Кирил и Методиј,* Скопје, Филозовски факултет, група Историја со архивистика, 2007, 36.
[192] ДАРМ, Одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. док. 33. Имено, на паршањето на Гавровски, какви се плановите на Демократската партија за *правата на народот во Македонија*, Николиќ одречно одговорил со зборовите дека *Македонија е ликвидирана на Кајмакчалан.*
[193] Надежда Цветковска, Граѓанските партии . . . цит. дело, 31.
[194] Истото.
[195] Истото, 170.
[196] Истото, 39 – 40.
[197] Истото, 41 – 42.
[198] Истото, 108.

со своја листа на чело со Божидар Влајиќ, адвокат од Белград[199]. И на овие парламентарни избори повторно победил Стојадин Димитријевиќ[200].

Македонското национално прашање во втората половина на триесеттите години станало доминантно во судирот помеѓу претставниците на овие српски партии и се понагласената македонска интелигенција[201], која преку МАНАПО и ВМРО (Обедината), КПЈ, како и преку се позачестениот печатен материјал, весници, прозни и поетски дела, театарски и музички претстави го нагласувала посебниот македонски идентитет. Ако за ВМРО (Обединета), не е познато дека имало некакви активности во Тетово, освен дека координатор од Обласниот комитет на организацијата за Тетово бил Лазар Плавев[202] и има индиции дека во градот имало 2 - 3 членови или барем еден претставник[203], сознанијата за активистите на МАНАПО од Тетово се нешто побогати. Платформата на МАНАПО, во која меѓу другото се нагласуваше дека: *Македонскиот народ има право на слободен национален живот во рамките на југословенската федерација, демократско уредување, врз федерални принципи, слободни парламентарни избори* и т.н., начелно ја подржувале и македонските комунисти и други организирани илегални групи. Меѓу претставниците на МАНАПО од Тетово и тетовските комунисти во 1938 година се разидувале околу прашањето на кој начин да дојде до преобразба на општеството. Комунистите завзеле став дека е неопходна револуционерна преобразба, а претставниците на МАНАПО давале приоритет на политичка преобразба на Кралството Југославија од унитарна во федеративна држава[204].

На универзитетите во Белград и Загреб, македонските студенти се организирале во посебно студентско друштво за афирмирање на македонскиот народ и борба против југословенскиот режим, односно Македонско народно движење (МАНАПО). Поистакнати членови од Тетово на МАНАПО биле Светозар Јовановски[205] и Никола Павловски Бутика[206]. Дејноста во ова движење била во рамките на студентските кругови на универзитетите, но со програмските идеи ги запознавале и своите сограѓани.

Никола Павловски во 1938 година, во името на МАНАПО во Тетово покренал иницијатива за соработка на напредните тетовски граѓани со Драгољуб Јовановиќ на левите

---

[199] Истото, 116.
[200] Истото, 197.
[201] Истото, 91 – 95.
[202] Тодор К. Зогравски и Димче А. Зогравски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во вардарска Македонија во периодот од 1920 - 1930, ИНИ, Скопје, 1974, 168.
[203] Истото, 214.
[204] ДАРМ, Одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . 32.
[205] Лазар Соколов, Прилог за Македонското студентско движење во Загреб, Историја, , бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 17 – 18.
[206] ДАРМ, Одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . 32.

земјоделци како дел од здружената опозиција[207]. Состанок на Павловски бил одржан во месноста Бањиче со околу 20 комунисти од Тетово и двајца истакнати комунисти во Белград[208]. До договор не дошло поради ставот на комунистите дека не е доволно да се разгледува федералното прашање и автономијата кои ги пропагирало МАНАПО, туку и другите идеолошки програмски начела на КПЈ[209].

Дваесеттите и триесеттите години се карактеристични по големите светски економски кризи кои се одразувале и во економскиот живот на тетовските занаетчии и работници[210]. Организирани форми на работниците и синдикатот, во градот не ги добиле очекуваните димензии. Припадниците на првата социјалистичка група и некои членови на некогашниот *Работнички покрет*, се едни од првите организатори на социјални работнички штрајкови во 1933 година кога успеале да одржат два митинга во селата Вратница и Нераште со работниците во рудникот Радуша[211]. Координатор на штрајкот би работничкиот повереник Спасо Гавровски[212].

По добиените инструкции од Скопје, во 1933 – 1934 година, Панта Николиќ се зафатил и организирал во Тетово, аналфабетски курс, работничка кујна и *Хор на монополските работници*, чиј диригент бил самиот тој. После неполни две години, истите форми на работничко организирање биле растурени од властите. Во овие активности значајно учество имале Момчило Ќириќ, Јован Мојсиќ, Васил Томовски и Трпе Бошњак[213]. Како дел од активностите на работничката солидарност, бил формиран и еден фонд за помош за извесни *напредни членови сиромашни кои требало да студираат и школуваат.* За прибирање на средства покрај доброволни прилози се организирале и театарски и музички претсави[214].

Околу 1937/38 година, во Тетово се формирал УРС–овиот синдикат, кој го водел Трпко Стаматовски. Овој синдикат парирал на синдикатот ЈУГОРАЗ кој всушност бил создаден и контролиран од државата, односно од партијата на власт,Југословенската радикална заедница[215]. ЈУГОРАЗ, вушност функционирал на тој начин, што секој вработен во државна служба, по автоматизам станувал и член на оваа организација.

---

[207] Истото, 30 – 31.
[208] Се работи за Божо Максимовиќ и Буда Милутиновиќ.
[209] ДАРМ, Одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . 30 – 31.
[210] М.С. Истина изнад свега, Глас Полога, Тетово, бр. 171, 1936, 2-3.
[211] Истото 17 – 18.
[212] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за работничкото движење . . . цит. дело, 28.
[213] Истото, 34.
[214] Истото, 35.
[215] Истото, 30.

Во јуни 1938 година бил организиран успешен штрајк на чевларските работници, после кој работодавателите се согласиле со поголемиот дел од барањата на нивните работници[216].

Во есента 1938 година, во Тетово бил одржан масовен работнички собир на кој е покренатa иницијатива за формирање на синдикат, познат со кратенката УРС. Говорите и иницијативата биле еднодушно прифатени од присутните. Оваа иницијатива на собирот била насилно растурена со тепање од страна на жандармеријата[217].

Во 1939 година на 14 јули одржан е и првиот митинг на жените во Тетово во салата во тетовското кино *Балкан*. Предвидени биле два реферата за правата на жените, меѓутоа, по настапот на претседателката на здружението *Српска мајка*, во кој се зборувало за великосрпството, присутните ја напуштиле салата[218].

Во почетокот на триесеттите години на 20. век, функционирањето на социјалистите било речиси замрено. Дури во 1932 година на иницијатива на Стојан Николовски Кука, ученик на Трговската академија во Скопје формирал група симпатизери на Комунистичката партија во населбата *Парк* во Тетово[219]. Оваа група воспоставила редовни контакти со некои ученици во тетовската гимназија на чело со црногорецот Саво Драгојевиќ. Оваа група се запознавала и ги ширела комунистичките идеи. Во гимназијата, антирежимски настроените ученици биле собрани во литературното друштво *Јован Скерлиќ* [220]. Ова друштво соработувало со литературното друштво *Зора* при Трговската академија и Големата медреса од Скопје, потоа слични друштва од Лесковац, Куманово и сл[221].

Во втората половина на триесеттите години, во Тетово се развива една група на комунисти и нивни симпатизери, но не и партиска организација. Меѓу првите од нив биле: Трпко Стаматовски како претставник на постарата генерација, Круме Наумовски, Јордан Блажевски, Живка Отунска, Никола Николоски, Сандре Чокаљ, Ѓоце Исајлоски и др. На нив им се придружиле помлади симпатизери: Ѓоце Стојчевски Амбарче, Слафка Фиданова, Томо Софрониевски - Думпа, Благоја Буневски Мабус, Љубе Божиновски – Пиш, Васе Серафимовски, Славко Хаџи Наумовски, Никола Гугувчевски, Елица Четковиќ, Томче Кировски, Ѓоце Исаески, Ацо Црвот, Кочо Тулевски и Павле Вељановски[222]. Нивното дејствување се одвивало преку ширење на социјалистичка литература, одржување на собири,

---

[216] Трпко Стаматовски, Прогресивното движење . . . цит. дело, 142.
[217] Истото, 143.
[218] ДАРМ, одд. Тетово, Стеногравски белешки . . . цит. док, 16, 21.
[219] Трпко Стаматоски, Прогресивното движење во Тетово од 1932 до 1941 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 139.Во групата биле Стојан Стојчевски Цапец, Пано Гавровски Мано, Андро Србиновски Ќакша, Трпко Стаматоски, Стеван Мацан и Саво Блажевски Чало.
[220] Истото, 140.
[221] Истото.
[222] Истото, 17 – 18, 22 – 23.

одржување на културни дејности преку Тетовската читална, хорот *Кирил Пејчиновиќ*, секциите на тетовската гимназија, штрајкови, инфилтрирање во синдикалните организации (УРС, ЈУГОРАС), дури и во соколското друштво, соработка со партиските организации од Скопје и Куманово, организирани се штрајкови на монополските работници и сл [223]. Нивната пропагандна дејност воглавно се одвивала во два правци: ширењето на социјалистичките идеи и антифашизмот.

Покрај оваа организирана група постоеле и т.н. самостојни комунисти, како што биле: Виктор Аќимовиќ, Стојан Румунлија, Никола Ветер, Боро Нешовски и др[224], кои повремено дејствувале заеднички со другите, но имале и свои самостојни дејности или пак биле лично поврзани со некои комунисти од Скопје или други места. Поради, неретко посебни гледишта за некои прашања, личните карактери или поради лични несогласувања со некои членови на групите, овие луѓе имале и недоразбирања со останатите.

Во 1936 година, во тетовската гимназија се појавила нова генерација гимназијалци која била поврзана со претходните групи во градот и дала нов импулс во развојот на антирежимските и антифашистичките идеи[225].

За учеството на тетовчани во антифашистичката војна во Шпанија, не е многу познато. Во 1937 година, на Попова Шапка, некои тетовски комунисти меѓу кои бил и Виктор Аќимовиќ, се сретнале со Владимир Дедиер, шпански борец и новинар кој пред собраните луѓе одржал предавање за граѓанската војна во Шпанија[226].

Во ширењето на прогресивните идеи за тоа време, свој придонес дале тетовските студенти кои студурале на белградскиот и загребскиот универзитет. Меѓу нив поистакнати биле: Јордан Ѓорѓевски, Љубица Заревска, Ристо Дуковски, Славка Фиданова, Живка Тасевска Отуњска, Крумче Наумовски, Томче Кировски, Панче Кировски Кензо, Томо Ѓорчевски Ципа и др[227]

---

[223] Истото. Речиси во целокупната дискусија, дискутантите се навраќаат на овие дејности на групата и поединците социјалисти и комунисти.
[224] Истото, 7.
[225] Истото, 140; Владимир Картов, Гимназијата . . . цит. дело, 152. Оваа група гимназијалци ја сочинувале: Крумче Наумовски Шуме, Томче Кировски, Јордан Блажевски, Ристо Дуковски, Боро Личеноски, Никола Лекиќ, Стево Каркински, Јошко Стевчески Кандило, Илија Антевски, Боро Цинлевски, Димитрија Гавровски, Славка Фиданова и др. Со оваа група гимназијалци од Тетово, соработувале и мошне активни биле и учениците од другите места, особено од Црна Гора: Саво Драгојевиќ, Јован Костиќ, Мило Меденица, Дервиш Шеховиќ, Никола Лекиќ, Ненад Николиќ, Љубо Петровиќ, Богдан Поповиќ и др.
[226] ДАРМ, Тетово, Одбор за подготвување монографија *Тетово и Тетовско низ историјата*, Сеќавања од осум средби на учесниците во НОВ од извршената реконструкција на КП и НОД во Тетово 1941 – 1944, Тетово, 22. 06. 1979, Тетово.
[227] Трпко Стаматоски, Прогресивното движење . . . 141.

Во 1936 година во Тетово се појавила уште една симпатизерска група на Комунистичката партија во маалото *Ески џами*[228]. Во 1937 година, се формирала и една симпатизерска група меѓу занаетчиите, во чии редови ќе бидат идните носители на антифашистичката борба во Тетово: Ѓоце Стојчевски Амбарче, Љубомир Божиновски Пиш, Павле Велјановски, Васе Селовски, Славе Наумовски, Томо Софрониевски, Илија Божиновски Ѓупе, Никола Гугувчевски, Благоја Буневски Мабус, Трпе Јовановски Мишка, Томо Момировски[229].

По неуспешните обиди во 30-тите години, со помош на Орце Николов од Скопје во 1939 година, од Скопје, веќе во јуни 1940 година со помош на Перо Тиквар од Скопје, било формирано првото поверенство[230] на Комунистичката партија во Тетово. После неколку смени и откажувања пред самиот почеток на Втората светска војна, тетовското поверенство прераснува во Комитет кој го сочинувале студентите од Белград: Живка Отуњска, Слафка Фиданова, Круме Наумовски, потоа Ѓоце Стојчески и Трпко Стаматовски, како еден поизразит член на работничкото движење. Секретар на Комитетот бил Ѓоце Стојчески[231]. Покрај гореспоменатите активности, Комитетот почнал да формира партиски келии низ градот и активи, растурале летоци на македонски јазик, да шири идеолошка литература и обиди за продор на идеите меѓу селаните и албанското население[232]. Во 1940 и 1941 година во Тетово била формирана една партиска ќелија меѓу учителите во Тетово, а кои по потекло не биле од овој град[233]. Посебно значење било дадено на организирање на младинските кандидатски групи, наречени скоевци[234]. Комитетот имал свои претставници или делегати на партиските

---

[228] Истото. Во групата биле: Ѓоце Исаевски, Никола Николовски, Александар Ѓорѓевски, Трпко Филиповски и Благоја Коцевски.

[229] Истото.

[230] Негови членови биле: Васе Сељовски, Ѓоце Стојчевски, Павле Вељовски, Живка Отунска, Слафка Фиданова и Кочо Тулевски. Подоцна во овој состав влегле Трпко Стаматовски, Круме Наумовски и Никифор Вочевски, а сменет од поверенството бил Павле Вељовски. Истата година ова поверенство прераснало во Местен комитет. Во февруари 1941 година од комитетот се откажале Кочо Тулевски, Васе Сељовски, а Никифор Вочески бил сменет.

[231] ДАРМ, Тетово, Одбор за подготвување, цит. дело, 26 – 27.

[232] Истото, 34 – 40.

[233] Светозар Наумовски, Врските и работата на тетовската партиска организација меѓу напредното учителство во периодот од 1939 – 1941 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 166 – 175. Најистакнати меѓу нив биле Видосава Ивановиќ, Блажо Ивановиќ, Јелица Ќетковиќ, Средоје Урошевиќ и др.

[234] Истото, 29. Скоевци, наречени по кратенката на српско – хрватски јазик, СКОЈ, што значи Сојуз на комунистичката младина на Југославија. Меѓу првите скоевци во гимназијата биле: Мијат Војводиќ, Живко Јовановски, Димко Шалтан, Ане Гичевски, потоа Нада Антевска, Блага Димовска, Цена Настевска, Милица Билбиловска. (Истото, 32) Такви групи по маалата биле со членовите: Томо Софрониевски, Љубе Божиновски, Ѓоце Исаевски, Славе Наумовски, Павле Вељановски, Благоја Буневски, Васе Сељовски, Ѓоце Стојчевски, Дана Миловановска, Даница Стреовска, Рада Стојковска, Донка Билбиловска, Кочо Китановски, Тоде Гашовски, Петре Јоргов, Томо Гашевски, Јошко Кандилов, Панче Кензов, Славка Наумовска, Крумче Наумовски, Коле Бадучевски, Душан Митевски Румунлија, Трпе Мишка и др. (Истото, 33 – 34, 41). Во тетовскиот Монопол биле Јелица Четковиќ, Блажо Ивановиќ, Вида Ивановиќ, Средое Ивановиќ и др. (Истото, 37)

советувања и конференции на Покраинскиот комитет во Скопје[235]. Карактеристично за оваа трета генерација на комунисти во Тетово е што токму од нејзините редови ќе произлезат и првите предводници на НОД во Тетово и Тетовско за време на Втората светска војна.

Во 1939 година, дошло до поделба на ЈРЗ, на една групата на Милан Стојадиновиќ а на друга, групата на Драгиша Цветковиќ. Во таа интерпартиска борба победила струјата на Цветковиќ. Тоа довело до промена и на составот на Владата, позната под името Влада на Цветковиќ – Мачек (26.08.1939 – 27.03.1941). Таа Влада била некаков компромис меѓу српските и хрватските интереси и за разлика од Владата на Стојадиновиќ, во надворешната политика, се повеќе се приближувала кон интересите на Тројниот пакт (Германија- Италија - Јапонија). Во исто време, на внатрешен план, превземени се низа мерки за задушување на опозицијата и особено мерки за прогон на комунистите и други антирежимски сили, со отворање на концентрациони и работнички логори[236]. Во вардарскиот дел на Македонија, новата влада, чувствувајќи го се поголемиот притисок во јавноста за признавање на реалноста за постоењето на македонскиот народ, превземала се порадикални чекори за сузбивање на овој процес. Ефектите од ваквата политика се одразувале во сè поголемиот судир и полнење на југословенските затвори и логори со Македонци. Меѓу прогонуваните истакнати борци за признавање на Македонскиот народ, како четврт народ на Југославија, бил тетовчанецот Виктор Аќимовиќ. Тој, како новинар на кого му било забранувано слободно да објавува написи за Македонија и македонскиот народ, го објавил својот весник *Јужна Стварност,* во ноември 1939 година, испечатен во Марибор (Словенија)[237]. Написите во овој весник, не само што афирмативно пишувале за македонската реалност, туку во една од статиите, Виктор Аќимовиќ остро се спротивставил на негаторските ставови кон македонскиот народ од страна на Претседателот на Српската академија, Никола Вулиќ. Преку оваа статија, авторот Аќимовиќ, всушност успеал да ја пренесе реалноста за македонскиот народ и неговиот револт кон големосрпската политика. Овој весник имал одличен ефект меѓу Македонците, а како резултат на тоа, Виктор Аќимовиќ, веднаш е уапсен и испаратен во логорот Меѓуречје – Ивањица[238].

Кон крајот на триесеттите години во Тетово била формирана група, приврзеници на Димитрије Љотиќ, т.н. Љотиќевци, уште една изразито српска граѓанска партија. Во таа група биле: гимназиските професори Барина и Гаѓевиќ и тетовчаните Урош Парлиќ, Димче Гогушевски и еден поп. Свои приврзеници групата имала и меѓу некои гимназиски ученици,

---

[235] Истото, 30.
[236] Надежда Цветковска, Граѓанските партии . . . цит. дело, 127 – 129.
[237] Јужна стварност, лист за сва културна питања Македоније, Тетово, број 1, децембар, 1939.
[238] Бранислав Светозаревиќ, магистерски труд - Историски и архивистички аспекти на архивскиот фонд Виктор Аќимовиќ, Универзитет Св. Кирил и Методиј, филозофски факултет, институт за историја, насока архивистика, Скопје, 2007, 41 - 43.

меѓу кои познати се Иле Филип, синот на Спиро Петровиќ и др. Сепак оваа група не успеала да развие поголема активност во градот[239].

Пред самата војна во 1940 и 1941 година во градот се чувствувала поларизација на населението. Албанците ја формирале групата *Беса* која се залагала за реализирање на идеата за голема Албанија. Членовите на КП завзеле став за дистанцирање од овие појави и агитирале против големобугарски и големосрпски елементи во градот[240].

Во вакви комплицирани општествено-политички околности, кога и во почетокот на четриесеттите години, не било решено македонското национално прашање во рамките на вардарскиот дел на Македонија, над Европа се надвиснувала новата светска војна. Кралството Југославија, распнато меѓу својата внатрешна континуирана политичко-економска криза и влијанијата на спротивставените големи светски сили, односно Тројниот пакт и традиционалните сојузници Франција и Велика Британија, влегло во виорот на Втората светска војна, неподготвено да се брани, што предизвикало брза капитулација и негово распаѓање.

1.4 ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА (1941 - 1944)

На 06. 04. **1941** година, извршен е сеопфатен воен напад врз Кралството Југославија од страна на Фашистичката коалиција на чело со Германија. Брзата брутална војна завршила за 12 дена, кога Кралството Југославија капитулирало, по што дошло до поделба на нејзините територии на новите окупациони власти. Вардарскиот дел на Македонија, територијално бил поделен меѓу Кралството Италија, Царството Бугарија и Германија која ги контролирала битните економски стратешки точки во Македонија. Уште истиот месец извршени се сите подготовки за демаркационата линија, која ја поделила Македонија меѓу новите окупатори Италија и Бугарија. Од воен аспект, италијанската 41 дивизија Фиренце од 26 април ги запоседнала градовите од западна Македонија[241]. Во Тетово биле разместени 3.000 војници, 400 карабињери и 400 т.н. финансисти и граничари[242].

---

[239] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки за НОБ. . . цит. док., 39.
[240] Истото, 45.
[241] Владо Ивановски, Ослободителната војна во западна Македонија 1941 – 1944, ИНИ, Скопје, 1973, 16 – 19; Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската воена окупациона власт и квислиншка албанска цивилна власт, мај 1941 до септември 1943 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 248 – 249.*Врз наредбата на командата на 9. армија, од 26 април 1941 година, западна Македонија – со околиште и градовите: Тетово, Гостивар Кичево, Дебар, Струга и дел од Преспа е окупирана од италијанската 41 дивизија Фиренце (Фирензе), со штаб во Дебар. Командант на дивизијата е генералот Арналдо Аџи. Нема точни податоци кој полк бил дислоциран во Тетово. Но, по се изгледа, дека 127-от полк се наоѓал таму: Командата на полкот била сместена во Работничкото училиште.*
[242] Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската . . . цит. дело, 249; Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . 28 – 32.

Во Виена од 21 до 24 април, во духот на новонастаната состојба на окупирана Југославија, се состанале италијанскиот гроф Ќано и германскиот министер за надворешни работи Рибентроп, кои се договориле за разграничувањето помеѓу окупаторските држави на оваа територија[243]. На 27 април 1941, Италија и Бугарија се известени од страна на Врховната команда на Германија, кои територии од Македонија ќе и припаднат на двете страни[244]. Административно, градот Тетово припаднал под италијанска окупација а северниот дел на Долни Полог, кој од секогаш административно припаѓал кон градот Тетово, припаднал на Царството Бугарија. Се работело за 28 села, со околу 30. 000 жители, поделени во 4 општини: Шемшово, Теарце, Групчин и Вратница[245]. До февруари 1943 година, целата територија на западниот дел на Македонија под италијанска власт била под *Дебарската префектура*, во чиј склоп се наоѓала *Тетовската потпрефектура.* Тетовската потпрефектура била составена од општините: Палчиште, Непроштено, Шипковица, Стенче, Желино, Сенокос, Брвеница и Тетово[246]. На 21 февруари 1943 година, Тетово станало центар на Тетовската префектура[247].

Во јули 1941 година со декрет на кралскиот претставник на Италија во Албанија, Франческо Јакомини, окупираниот дел на Македонија го припоил кон Албанија со што тој македонски регион се нашол во склопот на Голема Албанија[248].

До јули 1941 година целокупната власт во градот била под контрола на Италијаните, а од август истата година, локалната административна цивилна власт е пренесена на Албанците[249]. Тоа негативно се одразило на меѓунационалните односи, пред се поради мерките кои цивилната управа во Тетово ги превземала во континуитет. Освен тоа, македонските деца морале да учат исклучиво албански јазик, а работењето на гимназијата било укинато[250], сè со крајна цел - асимилација на македонското население[251]. По наредба на градоначалникот на Тетово, Џафер Сулејмани, организиран е попис во кој Македонците не смееле да се изјаснуваат

---

[243] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 27.
[244] Данчо Зографски, Виенската спогодба Рибентроп – Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1980, 39, 53; Ѓорѓи Чакарјаневски, Македонија во италијанско-бугарската свера на влијание во 1941 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 - 2, 2004, 48 – 53;Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската . . . цит. дело, 243 – 263.
[245] Цълокупна България, 20. 06. 1941, бр. 20, 2.
[246] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 35.
[247] Боро Митровски, Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1941, 306.
[248] Историја на македонскиот народ, ИНИ, Том, петти, Скопје, 2003, 72.
[249] Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската . . . цит. дело, 249 – 250. Претседател на тетовската општина бил резервниот мајор Гај, адвокат и поранешен претседател на некоја општина во Милано, околиски началник бил резервниот поручник Бјанки, адвокат од Рим, Јосип Ковач, Словенец, го задржале италијаните како управник на тетовската болница, прв командант на Тетово бил мајорот Гризант Пистоја.
[250] Славка Фиданова, Подготовките за формирање на тетовскиот партизански одред, Историја, Скопје, 1966, 5.
[251] Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската . . . цит. дело, 256 – 257.

како такви, освен како Бугари или Срби[252], а Турците и сите други муслимани како Албанци. Презимињата на сите жители морале да добијат албанска форма[253]. Во Тетово била формирана и фашистичка организација, која развивала низа активности за инволвирање на што поголем број Албанци во неа и директно влијаела врз целокупниот амбиент во градот[254]. Првите поголеми апсења на Македонците во Тетово се случиле во јули 1941 год[255]. Сите овие мерки и промени, влијаеле дел од македонското население од градот да се исселува во Скопје[256], а на нивно место се доселувале Албанци, кои со своите села се нашле под бугарска окупација[257]. Освен исселувањето во Скопје, имало и исселување на Македонците во самиот град од еден во друг дел, како и исселување во тетовските села под бугарска окупација[258].

Со доаѓањето на италијанските власти, во Тетово започнало исселувањето и периодот до конечното разграничување на Бугарија и Италија во окупираната територија на Македонија, предизвикала дополнителен антагонизам меѓу албанското и македонското население на овие простори. Тоа доаѓало од мотивите на пробугарските елементи и на оние Македонци кои сметале дека *доаѓањето на бугарските фашистички војски е помало зло* од голема Албанија, и Албанците приврзеници на голама Албанија кои барале приклучување кон Италија во чии рамки била и албанската држава[259]. Состојбата била исклучително напната со што доаѓало и до физички судири меѓу граѓанството. Освен незадоволствата на теренот, ниту двете фашистички влади на Италија и Бугарија не биле задоволни, билатералните односи биле заладени, но демаркационата линија со мали промени се одржала до капитулацијата на Италија во септември 1943 година.

Мошне неизвесна и напната состојба предизвикало, превземањето на цивилната управа од страна на Албанците и доаѓањето на високиот комесар за анектираните краишта Фејзи Ализоти, кој во својот одржан говор во Тетово, најавувал уништување на немуслиманското население и дека *нема да мирува се додека и последниот странец и рисјанин не ја напушти*

---

[252] Славка Фиданова, Некои особености во развојот на народната власт во западна Македонија, Развиток на државноста на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1966, 302.
[253] Боро Митровски, Воспоставувањето на италијанската . . . цит. дело,, 257.
[254] Истото, 257 – 259.
[255] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата на окупаторот во Тетово и Тетовско 1941 – 1944 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 295;Славка Фиданова, Некои особености . . . цит. дело, 302.
[256] Апостолова Павлина, Сеќавање за еден фамилијарен живот, Скопје, 2006, 64. *Од 01. 09. 1941 година бевме многу ученици од Тетово од фамилиите кои се доселуваа во Скопје, но имаше и многу ученици кои дојдоа за учење а живееја во Тетово.*
[257] Славка Фиданова, Подготовките . . . цит. дело, 6.
[258] Изјави на Никола Јовановски (1934 –), пензионер од Тетово, лична архива, Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово, Николина Обадиќ (1932 -), пензионер од Тетово.
[259] Истото, 244 – 255. Димче Савевски, Партиски активисти, борци и антифашисти од Тетово и Тетовско во затворите и концентрационите логори, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 343.

територијата[260]. Веднаш потоа дошло до отпуштање на сите чиновници во локалната управа кои работеле уште во времето на Кралството Југославија. Италијанските власти не се спростивставиле на ваквата одлука иако од Централната управа било наредено таква мерка да не се превзема.

По иницијатива на Централниот бугарски акционен комитет од Скопје и група граѓани од Тетово, бил избран и конституиран *Македонски национален комитет*[261]. Во него влегле некои видни граѓани кои сметале дека Бугарија е таа држава која ќе ги спаси од големоалбанските апетити. Комитетот имал извршен одбор, Политичко-правен совет, Административно-управен совет, Финансиски совет, Социјално-економски совет и Просветен совет[262].

Социјално економскиот совет од населението прибирал доброволни прилози за храна на сиромашните семејства во градот и за заробените 10.000 војници сместени во логорот во Тетово. По доаѓањето на Италијаните во Тетово, Комитетот продолжил да функционира. Неговите раководители во мај превзеле неколку чекори со кои сакале да се наметнат на новите власти во градот со што би им оддале признание на Германците и Италијаните кои им ја донеле *очекуваната слобода*, и при тоа да побараат нивно учество во локалната власт. Меѓу другото Комитетот организирал манифестација, која повеќе била демонстрација на градскиот плоштад. При демонстрацијата, дошло до судир со припадниците на Албанскиот комитет, при што дошло до масовна тепачка во која имало повеќе ранети. Некои пробугарски елементи, набргу по италијанската окупација се исселиле од Тетово во Скопје, каде што формирале *Тетовско братство,* кое полуофицијално вршело разузнувачка дејност и кое успеало да основа и контра чети, кои дејствувале во тетовскиот регион, под бугарска окупација[263].

Во овој дел на Македонија, окупациските власти формирале окружна управа (префектура) со центар во Дебар. Во мај 1942 биле воведени албански судови со судии од Албанија. Окружната управа ја сочинувале неколку околиски управи (потпрефектури). Од вкупно 5, една од нив била тетовската потпрефектура која пак се состоела од 9 општини. Жандармеријата, односно карабињерите ја командувале италијански официри, додека полицијата (квестурите) биле под албанска команда. Посебно штетни за Македонците, биле

---

[260] Галена Куцуловска . . . цит. дело, 255.

[261] Славка Фиданова, Подготовките за формирање на тетовскиот партизански одред, Историја, Скопје, 1966, 1, 3.

[262] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 21 – 22; Во комитетот влегле*: Христо Здравев – индустријалец (претприемник), Мијо Нешов – службеник (едно време бил претседател на општина, а потоа службеник во Електричната централа), Мијо (Михаил) Серафимов – банкарски службеник, Трифун Апостолов, службеник во Електричната централа, Никола Павлов – адвокат, Владо Саров – свештеник, Светислав Славе Андреев (Андрејчин) – адвокат, Михаил Захариев – адвокат, Никола Ветеров – судија и други, предимно трговци, инженери и службеници.*

[263] Тихомир Мино Шаресќи, Со крстот на чело, Дата понс, Скопје, 2000, 51.

колаборационите организации и доброволната полиција, составена од деструктивни елементи, т.н. црнокошулци[264]. На сите раководни нивоа во администрацијата биле поставени Албанци, во најголемиот дел од Албанија. Македонските деца учеле исклучиво на албански јазик од учители и професори од Албанија. Во март 1942 година, од Министерството за внатрешни работи од Тирана испратена е заповед, да се смени суфиксот - иќ, на сите презимиња кои биле добиени за време на Кралството Југославија, кај сите граѓани на територијата од Македонија, под италијанска окупација[265].

Препирките на црковните пропаганди, во првите месеци по новата поделба на Македонија, се разгореле и во Тетово. Во градот останале некои од поранешните свештеници на Српската православна црква, кои се бореле тетовските православни верници и црквите во Тетовско да останат под јурисдикција на српскиот православен епископ во Призрен, Серафим. Од друга страна, новоназначениот бугарски митрополит од Скопје, Софроний, го назначил отец Георги Венјаминов за архиерејски намесник на бугарската црква во Тетово[266]. Неминовно дошло до судир на свештениците од двете спротивставени цркви и во првиот период, италијанските власти биле привремено наклонети кон српските свештеници, како и на српската администрација[267], сè со цел да го намалат влијанието на бугарската црква на тие простори поради нивните аспирации за превземање и на овој македонски регион под власта на Царството Бугарија[268]. На сето тоа, свои аспирации покажала и албанската православна црква која се ставила во служба на целокупната великоалбанска политика и во складот со образованието каде учениците Македонци уште од првото одделение морале во училиштата да учат исклучиво на албански јазик. Како резултат на овие судири, свештеникот на бугарската црква бил протеран од Тетово по 48 дена од неговото доаѓање[269].

Во Тетово дејствувала и една мала група приврзеници на четничкото движење на Дражa Михајловиќ, која поради малиот број приврзеници и контрадејствувањето на членовите на Комунистичката партија во Тетово, не успеала да организира било какви позначајни активности[270].

Четири дена по почетокот на фашистичката окупација во Македонија и два дена откако германските воени сили влегле во градот, во Тетово на 10 април 1941 година, локалната

---

[264] Истото, 72 – 73.
[265] Глигор Тодоровски, Окупаторски документи од времето на окупацијата на западна Македонија 1941 – 1944 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1965, 321 -322.
[266] Доклад на Митрополит Софроний за положението на българското население в окупираните от Италия райони на Македония, Скопие, 29.07.1941 г., Македонски преглед, Македонски научен институт, кн.1, София, 1996, 129.
[267] Истото, 131 – 132.
[268] Истото, 130 – 131.
[269] Истото, 130.
[270] Светлозар Елдъров, Скопско-Велешка епархия . . ., 261 – 262.

комунистичка партиската организација, свикала советување на кое присуствувале 19 луѓе и е донесена одлука за организиран отпор против фашистичкиот окупатор[271]. Според сеќавањата на Славка Фидановска, директен учесник во тие настани, ставот на ова советување меѓу другото бил: . . . *со капитулацијата на Југославија не е завршена борбата, која и натаму треба да продолжи* . . . и било пристапено и кон прибирање на оружје од растурената војска на Кралството Југославија, и др. активности[272]. Оваа одлука има големо значење со оглед на датумот, 4 дена по нападот врз Кралството Југославија и во услови кога партиската организација во Македонија практично била дезориентирана[273]. Во овој период треба да се одбележат и активностите околу пропагандата да не се напушта Тетово од граѓаните како и акциите за обезбедување на партиска техника за илегалната дејност во воени услови. За одбележување е акцијата за запленување на судската архива и нејзино уништување со што на окупаторот не му е овозможено да дојде до податоците на партиската организација[274]. Во првите месеци од окупацијата во Тетово (на местото на денешниото Биро за вработување) е формиран привремен логор на заробеници од војската на Кралството Југославија, комунисти, евреи, антифашисти, како и и други сомнителни лица за окупаторот. Тетовчаните, во тие мигови, самоорганизирани помагале на заробениците со носење храна, облека, и овозможувале бегства и засолнување на избеганите[275]. Меѓу спасените антифашисти од тетовскиот логор бил и шпанскиот борец Слободан Митров[276].

После правилно завземениот став на тетовската партиска организација и првите акции, во летото 1941 г. дошло до застој во работењето, поради изгубените врски со другите партиски организации во Македонија по фашистичката поделба на Македонија, расселувањето на некои членови на Организацијата во Скопје и апсењето на секретарот Ѓоце Стојчески Амбарче. Ова апсење довело до растурање на организацијата на месниот комитет, поради опасноста од провала. Во јули 1941 година биле превземени и други апсења[277].

---

[271] Љупчо Арсов, Некои специфични услови за организирање на вооружената борба против фашистичките окупатори 1941 година во Македонија, Гласник, ИНИ, Скопје, 1981, бр. 3-3, 367; Нада Антева, Развојот и работата на партиската организација во Тетово и Тетовско – ноември 1941 – март 1943 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, прва книга, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 219 – 220; Славка Фиданова, Подготовките за формирање на тетовскиот партизански одред, Историја, Скопје, 1966, бр. 1 – 2, 18.

[272] ДАРМ, одд. Тетово, Стеногравски белешки . . . цит. док., 48; Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 72.

[273] Владо А. Ивановски, Партиската организација на територијата на Македонија под италијанска окупација – април – ноември 1941 г., Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2 – 3. 1965, 46.

[274] Истото, 61.

[275] Миле Тодоровски, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во ослободителната војна и револуцијата 1941 – 1944, ИНИ, Скопје, 1972, 41; Драго Симовски, (1920 – 2010), пензионер од Тетово.

[276] Vlado Ivanovski, Aprilski sastanci i savetovanja mesnih komiteta komunističke partije Jugoslavije u vardarskoj Makedoniji 1941. godine, Makedonija od ustanka do slobode 1941 – 1945, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987, 145; Драго Симовски . . . цит. извор, 02. 06. 2006.

[277] Галена Куцуловска, Теророт . . . цит. дело, 295.

Во почетокот на август 1941 година воспоставени се прекинатите врски на тетовската организација со ПК во Скопје, Томо Софрониевски од Тетово и Санде Груевски од Гостивар во Скопје се сретнале со Лазар Колишевски, каде што се поставени следните задачи: зацврстување на организациите на КПЈ, формирање на МК Тетово и вршење подготовки за формирање на партизански одреди[278]. Од посебно значење за реактивирањето на партиската организација во Тетово и секаде низ западниот дел на Македонија е помошта на новиот ПК КПЈ за Македонија во почетокот на септември 1941 година[279]. Според Томо Софрониевски тоа се случило кон крајот на август[280]. Доаѓањето на инструкторите на Покранскиот комитет во Тетово, особено по доаѓањето на Кузман Јосфски Питу, во идниот период, го зголемиле квалитетот на дејствување на партиската организацијата, нејзиното омасовување и квалитет[281].

Откако се формирал комитетот на СКОЈ за Тетово, на членовите им е објаснето што е тоа комитет, СКОЈ и други форми на организирање. Иако активностите се уште биле недоволни, во втората половина на август, возобновената партиската организација од Тетово донела одлука за вршење подготовки за исфрлање на партизански одреди во пролетта 1942 год[282]. Оваа одлука претставува всушност прва одлука од ваков вид во делот на Македонија, окупиран од Кралството Италија. Раководството на Комитетот го сочинувале Перо Наков, како секретар и членови: Димо Гавровски Кара, Љупчо Божиновски Пиш, Томо Софрониевски Думпа и Ѓоце Стојчевски Амбарче, кој се уште бил во италијанскиот затвор[283]. Раководството на СКОЈ било во состав: Благоја Буневски, Андреа Савевски, Ѓоце Стојчевски и Илько Филиповиќ. Во зимата 1941/42, бројот на членовите на КП во Тетово бил околу 20, а примени се поголем број на членови на СКОЈ[284]. Тие биле организирани во повеќе месни скоевски групи низ градот, главно од 3 до 5 од луѓе[285].

Во меѓувреме привржениците на голема Албанија и голема Бугарија ја вжештиле атмосферата во градот со што дошло до меѓуетнички судир во центарот на Тетово, во која се вклучило и дел од населението. Тепачките завршиле со повеќе тешко повредени, но без жртви. Италијанските воени власти речиси воопшто не интервенирале[286].

---

[278] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 55 – 56.
[279] Истото, 54.
[280] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки . . . цит. док, 54.Повторното групирање на членовите било во состав: Томо Софрониевски, Сандре Груевски (од Гостивар), Никола Николовски Коларот, Славе Наумовски и Димо Гавровски Кара, а потоа се приклучиле Благоја Бунески, Милан Јовановски, Иљо Антевски, Љупчо Божиновски и Перо Наков, како инструктор од ПК.
[281] Савевски Димче, Тодор Циповски Мерџан . . . цит. дело, 62.
[282] Стенографски белешки . . . цит. док., 52.
[283] Истото, 54.
[284] Димче Савевски, Партиски активисти . . .цит дело, 343.
[285] ДАРМ, одд. Тетово, Стеногравски белешки . . . цит. док, 59 – 61.
[286] Истото, 52.

Повторно заживување на тетовската организација имало во октомври 1941 година. Имено тогаш во Тетово пристигнал инструкторот на Покраинскиот комитет Кузман Јосифоски Питу, со чија помош партиската организација во Тетово се консолидирала, се зголемила на околу 20 членови и продолжила со својата работа[287]. Една од поважните активности во Тетово во есента и зимата 1941 година била собирањето и ракување со оружје, растурање на информативен билтен и извесно продирање на идеите и придобивање симпатизери во селата. Покрај членовите на Организацијата, извесно оружје и муниција собрале и некои младинци од градот кои тоа го направиле самоиницијативно[288].

Сложената воено-политичка состојба во Тетово и неговата околина ја ставиле тетовскта партиска организација пред големи искушенија. Во периодот на НОВ од 1941 – 1944 година, окупаторските власти континуирано вршеле затворања, иследувања, мачења и убиства во градот[289]. Здружените окупатори и нивните разузнувачки служби, покрај воените акции, на овој терен превземале и континуирани разузнувачки, полициски, репресивни, пропагандни и психолошки мерки и акции[290]. Пробугарските и просрпски елементи во Тетово биле прилично изолирани во мали групи со спорадични иницијативи кои се однесувале на пасивна соработка со италијанските власти. Иако на овие елементи им била позната активноста на движењето на отпорот во Тетово, тие никогаш не влегле во директен судир, ретко се осмелувале да им даваат податоци на фашистичките окупатори во градот.

Во првите месеци на **1942** година во Тетово е формиран Окружниот комитет на КПЈ за западниот дел на Македонија[291]. Во него на местото секретар и членови се менувале неколку борци, најчесто поради апсењата или одење на други партиски задолженија. Секретари биле: Кузман Јосифоски Питу, Крсте Црвенковски и Тодор Циповски Мерџан и членови: Мино Миновски, Кузман Јосифоски, Анте Гиновски, Димо Гавровски, Томо Софрониевски и Борис Алексовски Карче[292]. Окружниот комитет координирал и раководел месните комитети во делот на Македонија, окупиран од Италија, редовни врски со ПК, воспоставување на контакти со КП на Албанија. Фактот што од 25 до 60 отсто од членовите на Окружниот комитет биле членови на тетовската партиска организација, зборува за нивното големо влијание во развојот на НОД

---

[287] Истото, 49.
[288] Истото, 53; Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 67, 69.
[289] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата на окупаторот во Тетово и Тетовско 1941 – 1944 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ, Тетово, 1991, 294 – 304.
[290] Милан Обрадовиќ, Дејствувањето на разузнавачко-полициските служби на окупаторот и квислинзите во борбата против НОД на Тетово и Тетовско 1941 – 1944 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ, Тетово, 1991, 264 – 276;Боро Митровски, Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 - 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 309 – 319.
[291] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит дело, 92.
[292] Димче Савевски, Тодор Циповски Мерџан . . . цит дело, 64.

во западниот дел на Македонија[293]. По укинувањето на Окружниот комитет и негово прераснување во Околиски комитет, за прв негов секретар бил избран Тодор Циповски Мерџан[294].

Насилствата и грабежите во пролетта 1942 година во Тетово се зголемиле, како и појавата на насилни вселувања на Албанци во куќите на Македонците. За ваквите насилни дејствија, пратеникот на италијанската амбасада во Софија, *Маџистрати*, го известил министерството за надворешни работи на Италија[295].

Зајакнатата партиска организација во Тетово, довела до поволни резултати за стекнување широка подршка од народот. Преку Народниот фронт масовно се собирало оружје, материјални средства, храна и облека[296].

Градскиот комитет [297] ги интензивирал состаноците и се разменувале новите информации се собирала значителна материјална помош и др. Се издавале весниците *Востаник,Неделен Весник (Билтен),Братство, Радио Весник* и *Народна Волја*[298], органи на Окружниот комитет, а логистиката за нивно печатење, набавка на материјали и дистрибуција била обезбедена од илегалната техника која се наоѓала во домот на Тодор Циповски Мерџан[299]. Градскиот комитет имал и свои месни ќелии распоредени низ тетовските маала и еден исклучиво женски комитет[300]. Собирањето на оружје и муниција се интензивирало, дури

---

[293] Истото.

[294] Димче Савевски, Тодор Циповски Мерџан . . . цит дело, 72 – 73.

[295] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата . . . цит. дело, 295; Глигор Тодоровски, Петко Домазетовски, Окупацијата на западна Македонија 1941 – 1944, документи, Друштво за наука, култура и уметност *Браќа Миладинови,* Вишарица, Струга – Јабланица, 2003, 40 – 43. Според овој извештај извршени се ограбувања на, Димитар Тодоров, Климов, сите од Тетово, киднапирани син на Столе Наумов од Долно Палчиште и Гаврил Фукара (првиот е ослободен со откуп а вториот успеал да избега), насилни вселувања во куќите на Димитар Хаџи Петров – трговец од Тетово, Јордан Кузманов – одгледувач на стока од Тетово, Душан Николов Стојанов од Тетово, Трпе Крстов Алтиколач од Тетово, вдовицата на Гаљо Ѓордев, Симо Јанчев од Тетово, Диме Бојков – трговец од Тетово, Христо Јанев, Геро Димов, Симе Здравев Симев, претепани до смрт биле Мане Трпков, Столе Наумов, Петар Христов, Ѓорѓи Иванов, Боге Цветанов, Павле Банџов, Петар Димчев сите од Тетово. Претепани биле Блаже Стојанов – трговец, Петруш Антев и др. од с. Челопек. Ќерката на Петар Савев од Тетово била претепана на тетовскиот плоштад, бил затворен и претепан ученикот од седми клас гимназија Мирко Томов. Некои од овие податоци, после неколку месеци биле демантирани од генералното намеснишство на Италија во Тирана, со што не се намалува впечатокот дека Македонците биле изложени на континуиран притисок за исселување од својот роден град.

[296] Миле Тодоровски, Партизанските одреди . . . цит. дело, 56.

[297] Владо Ивановски, ослободителната војна . . . цит. дело, 78.Градскиот комитет во овој период го сочинувале: Илија Илько Филиповиќ, Благоја Буневски, Драган Спировски, Санко Мечевски, Јован Ќуфте, Здравко Здравковски, Андре Савевски и Осман Јахја.

[298] Истото, 99; Боро Мокров, Тетовските весници од периодот на НОВ, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 301 – 307; Димче Савевски, Тодор Циповски Мерџан . . . цит дело, 87 – 102.

[299] Димче Савевски, Тодор Циповски Мерџан . . . цит дело, 74 – 75.

[300] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата . . . цит. дела, 295. 81, 95 – 98. Членови на партијата во 1942 година распоредени во партиските ќелии: Певчина: Ѓоце Симовски, Младен Симовски, Златка Стојковска и Ѓоко Симовски; Кандидатска група: Трипун Ѓуровски, Ристе Ристовски, Јордан

набавката се одвивала и од италијански офицери[301], потоа се вршеле обуки за ракување, како и подготовки за првиот тетовски одред. Сепак количината на оружје, во однос на другите материјали, била мала а набавеното оружје било најчесто расипано, со недоволна количина муниција и од различно потекло. Поради тоа се оформила и работилница за поправка на оружје во куќата на Трпе Пауновски. За работилницата помогнал познатиот тетовски пушкар Станко Шурдиќ. Поправеното оружје го превземал Благоја Буневски, а преку него се доставувало во партизанските единици[302]. Студентот по медицина Никола Штејн бил задолжен за санитетот и држел предавања на членовите за санитетската служба како дел од подготовките за формирањето на тетовскиот партизански одред[303].

Членовите на комитетот поради своите активности биле следени и апсени од полицијата и воените власти. Кога биле апсени, на нивно место биле назначувани нови членови и раководители на Комитетот[304]. Кон крајот на 1942 година, партиската организација броела околу 70 членови, скоевската организација имала околу 100 членови а во т.н. воспитни групи биле опфатени неколку стотини луѓе[305]. Заедно со членовите на воспитните и кандидатските групи, вкупниот број на ослободителното движење во градот нараснал на 250 луѓе[306]. Тетовската партиска организација своето влијание го проширила во селата Брвеница[307], Долно Палчиште, Челопек, Долна Лешница, Радиовце, Долно Седларце, Стенче, Волковија, Блаце, Теново, Требош, Фалише, Сараќино[308], но се чини не доволно[309]. Посебна слабост на

Златановски, Тодор Настевски, Благој Јовановски и Трпе Јовановски; Женска кандидатска група: Горица Јовановска, Верка Спасовска, Живка Јовановска, Слоботка Павловска и Вера Ноневска; Втора кандидатска група: Иван Крстевски, Миле Марковски и Борче Кочовски; Трета кандидатска група: Србин Србиновски, Глигур Србиновски и Борис Циго; Четврта група: Нешо Марковски, Иван Трпковски, Васо Миленковски и Цете Божиновски; петта група: Анчева Сунца, Ката Мирчевска, Љубица Јовановска, Зора Димитријевиќ и Олга Блажевска; Шестта група: Коле Јовановски, Цветан Андровски и Стојан Јовановски, Седма група: Симо Савевски, Саве Павловски, Тихо Петровски и Луке Ѓорѓевски; Осма група: Ѓоце Кочовски и Борче Кочовски и Бане Стефановски; Деветта група: Тодор Настовски, Стево Цониќ, Раде Петровски, Стеван Алексиевски; Горно Маало: Вера Јовановска, Душка Бластија и Загорка Томовска; Поток Маало: Верка Јанерка, Вера Суркојца и Вера Новевска; Деветта група: Нешо Марковски, Иван Крстевски и Славе Ивановски.

[301] Стенографски белешки . . . цит. док. 87.

[302] Истото, 83.

[303] ЦК КПМ, Историско одделение, Стеногравски белешки од состанокот со учесниците во НОБ во Тетово, 5 и 6. 12. 1955, Тетово, 66; Бранислав Светозаревиќ Покорни, Маја Закоска, Здравството во Тетово и Тетовско во XIX и XX век, Тетово, 2010, 55 - 56.

[304] Истото, 90.

[305] Нешо Марковски, Формирањето и дејствувањето на првиот партизански одред, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово, Тетово, 1991, 14.

[306] Димче Савевски, Теророт . . . цит. Дело, 343.

[307] Михајло Марковски, Селото Брвеница во народноослободителната војна, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 70 – 78.

[308] Живко Стефановски, Селата од Повардарието во НОВ, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, книга втора, 86 – 92; Коста Јовановски, Велко Миладиновски, Стојан Стојановски, Развиток на НОД во село Челопек, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 92 – 95.

[309] Тихомир Мино Шаресќи, Со крстот на чело, Дата понс, Скопје, 2000, 63.

НОД во Тетово е невоспоставените релации со селата во Тетовско под бугарска окупација[310]. Оваа слабост изразена преку несоработка од објективни и повеќе субјективни причини, до фаза на нетрпеливост, драстично го намалил ефектот на отпорот на Движењето. Тоа негативно влијаело врз поголема масовност на борците, бројот на партизанските одреди, нивната ефикасност и драстично намалена логистика.

Во текот на 1942 година, по директива на Окружниот комитет, бил извршен успешен атентат врз еден италијански жандарм од страна на тетовскиот МК[311]. Во текот на август, 1942 година, окупаторските власти организирале попис на населението. Во пописната листа имало графи само за Срби, Бугари и Албанци. Поради тоа, членовите на МК, агитирале Македонците да не се изјаснуваат по графите во пописните листи[312].

Покрај пробугарските елементи, во Тетово се организирала и една мала група Дражиќевци, приврзеници за враќање на стариот режим на Кралството Југославија на чело со српската круна[313]. Сепак, понатамошниот тек на војната, покажува дека Македонците во Тетово, на овие две изолирани групи не им дале речиси никаква подршка, за разлика од широката подршка на македонското народно ослободително движење.

Обидите на тетовската партиска организација да воспостави контакти и соработка со албанските комунисти во градот и селата[314], биле мошне слаби, од причина што овие комунисти Албанци никогаш не се откажале од идејата за голема Албанија[315].

Во почетокот на **1943** година, окупаторските власти во Тетово извршиле нови апсења на повеќе членови на НОД[316]. По препорака на начелната одлука на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, за исфрлање на партизански одреди секаде каде за тоа ќе се создадат услови, во раната пролет. Следејќи ги упатствата Секретаријатот на Окружниот комитет за Тетово, Гостивар и Маврово одлучил да се формираат два одреди, еден во Мавровско и еден во Тетовско. Партиската организација од Тетово пристапила кон формирање на Првиот Тетовски партизански одред[317]. Условите за развој на партизанското движење во Тетово и Тетовско биле меѓу најтешките во Македонија. Тоа доаѓало од таму што во градот постоел огромен окупаторски апарат, како ретко каде на тие простори, околу градот не постоела поголема територија со компактно македонско население кое би ја давало неопходната логистика.

---

[310] Истото, 62 – 64.
[311] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 73.
[312] Истото.
[313] Тихомир Мино Шаресќи, Со крстот на чело, Дата понс, Скопје, 2000, 51.
[314] Ќемал Хајрулаи, Сеќавања за некои настани од НОВ во Тетово, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 79 – 85.
[315] Тихомир Мино Шаресќи, Со крстот на чело, Дата понс, Скопје, 2000, 55 – 59.
[316] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата . . . цит. дело, 296.
[317] Илија Филиповиќ, Подготовките и формирањето на Првиот тетовски партизански одред, Тетово и Тетовско во НОБ . . . цит. дело, 9.

Со оглед на мултиетничноста на тетовската средина, окупаторските власти секогаш сметале и ја поттикнувале поделеноста на населението со познатото правило *раздели па владеј*, па затоа тие во континуитет ги употребувале колаборационистичките структури и сили. Македонците во градот биле особено на удар на воспоставените воено-полициски структури. Тие и нивните разузнувачки служби преземале сеопфатни мерки во борбата против НОД. Покрај воените акции, тие применувале *интензивни разузнувачки, полициски, репресивни, пропагандни и психолошки мерки и акции*[318]. Меѓу користените методи имало: *уфрлување на свои агенти во организациите на НОД, истраги, масовни апсења, одмазди,одведување на македонските патриоти во концентрациони логори во Албанија, распирување на шовинизам и национален антагонизам помеѓу Македонците и населението од албанска и турска народност*[319].

Тетовскиот регион бил поделен на две држави со демаркациона линија. Италијанските власти работеле на пропагандата меѓу албанското население да не се приклучува кон комунистите а го заплашувала и со дезинформации дека низ Тетовско се уфрлуваат бугарски комитски чети, кои сакаат овој дел од Македонија да припадне кон Бугарија а не, како што во тој период се наоѓало, во склопот на голема Албанија[320]. Тоа мошне ја отежнувало состојбата за партизанско дејствување и во поширокиот регион, каде што дејствувале партизанските одреди од Тетово, како и борците од градот кои се бореле во составот на Мавровскиот и Шарскиот одред [321].

Околу подготовките за исфрлање на Првиот тетовски партизански одред, треба да се нагласи дека освен наброените подготовки во градот се направиле и подготовки на самиот терен на Шар Планина, каде биле одредени базите и истите обезбедени со залихи на храна, облека и др.

На 10 март првата група партизани излегла на Орловец, еден од врвовите на Шар Планина, каде што била првата база на одредот. Тоа биле Ѓоце Стојчески, Санко Здравковски,

---

[318] Милан Обрадовиќ, Дејствувањето на разузнувачко – полициските служби на окупаторот и квислинзите во борбата против НОД на Тетово и Тетовската околија 1941 – 1944 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 275.

[319] Истото.

[320] Нешо Марковски, Формирањето . . . цит. дело, 21.

[321] Тихомир Мино Шаресќи, Со крстот . . цит. дело, 13. Според Шаресќи, општите услови за партизанско дејствување во северозападниот дел на Македонија го следеле специфични карактеристики: *1. Борба против исклучително добро организираното балистичко движење, поддржано од шиптарските маси, раководени од италијанските и германските разузнувачки и контраразузнувачки служби; 2. Суровост на балистичките единици спрема македонскиот народ, судири со елементи на граѓанска војна и воени дејства сврзани со големи загуби во единиците и народот, елементи на геноцид над македонскиот народ, моменти на неговата величина и страдање; 3. 1943 година е тежишна за НОБ. Тука во западниот дел на Македонија беше Главниот штаб на Македонија како и вооружените состави од централниот дел на Македонија (Охрид, Ресен, Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп, Велес и Скопје) кој беше под бугарска окупација.*

Трпе Јовановски Мишка и Радмило Станковиќ. Групата постапно се зголемувала. На 22. 03. 1942, на тетовското кале на зборното место се пријавиле Илија Филиповиќ, Радован Цониќ, Манчу Матак, Нешо Марковски, Јован Ончески, Ѓоко Симовски, Томе Пуревски, Ристо Тевдовски и Михајло Марковски. Политички комесар бил Илија Филиповиќ, командир Ѓоко Симовски, помошник политички комесар Радован Цониќ и заменик командир Манчу Матак. Одредот бил мошне слабо вооружан со една пушка, еден револвер и 4 бомби. Првата задача на Тетовскиот партизански одред била да се спои со Мавровскиот одред во с. Леуново, каде што тетовските борци би добиле оружје и муниција. За време на маршот на Шар Планина, одредот налетал на вооружена качачка банда над селото Ѓурѓевиште. Неможејќи да влезат во борба, Одредот се повлекол кон полошакта рамнина. При тоа качаците успеале да го фатат Јован Ончески, кого го предале на италијанските карабињери. Одредот поминал покрај селото Пожаране и таму комесарот Илија дал наредба за враќање во Тетово со марш низ полето. По враќањето назад, во градот зајакнале полициските потери, бидејќи на окупаторските власти им било јасно дека веќе во Тетово постои организирана групација.

Покрај исфрлувањето на Првиот тетовски одред, тетовските борци биле ставени пред уште една сериозна задача, како организатори, домаќини и логистика на одржаниот прв партиски состанок на Комунистичката партија на Македонија. Тој значаен историски настан се одржал во куќата на Јовановци во Тетово на 19 и 20 март 1943 година[322]. На оваа седница донесени се неколку значајни одлуки за понатамошниот тек на НОВ во Македонија: да се зајакнат постојните партизански одреди и да се формираат нови; да се формираат пет обласни комитети во петте оперативни зони; да се формираат околиски комитети; да се зајакнат и прошират партиските организации; да се зголеми политичката активност; да се зацврстат врските меѓу организациите во градовите и партизанските одреди; да се формира штаб на Првата оперативна зона; и набележани се насоките на натамошниот развиток на народноослободителната борба[323].

Тетово било дел од Првата оперативна зона во која се опфатени и Гостивар, Дебар, Кичево и Струга. Во текот на април е формиран и Првиот областен комитет на КПМ. Тетовските борци, во новите структури на Окружниот комитет, околиските комитети,

---

[322] Владо А. Ивановски, Времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, Слободните територии во Македонија 1943 година, симпозиум, Дебар, 1974, Скопје, 1975, 69 – 78; Ljupčo Arsov, Stvaranje i razvitak komunističke partije Makedonije, Makedonija od ustanka do slobode 1941 – 1945, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987, 29; Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 129;Од оваа седница не е сочуван ниту еден документ, но сочуван е еден документ од 28. февруари 1943 година од кој јасно се гледа дека ЦК на КПМ е формиран уште во февруари месец, најверојатно во Скопје, со што може да се потврди дека во Тетово е одржана првата седница но таму не е формиран и ЦК КПМ. Повеќе за тоа види: Владо Ивановски, Прилог кон прашањето за формирањето на Комунистичката партија на Македонија, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1968, 183 – 185.

[323] КПМ, 19 март 1943, НИП Нова Македонија, Скопје, 1983.

секретаријатите зазеле мошне значајни раководни места[324], така што влијанието на партиската организација врз другите подрачја, Гостивар и Мавровско било доста значајно[325]. Врските со тетовскиот дел под бугарска окупација и понатаму останале речиси безначајни.

На 27. 03. 1943, повторно одредот бил свикан во базата Орловец во состав: Ѓоце Стојчевски – командир, Радован Цониќ – политички комесар, Радмило Станоевиќ – зам. Пол. Комесар, Трпе Јовановски, Манчу Матак, Томе Пуревски, Нешо Марковски, Јован Ончевски, Ѓоко Симовски, Томо Пуревски, Ристо Терзиевски, Стеван Јовановски, Благоја Ташковски, Боро Кочовски, Адам Дамјановиќ, Александар Здравковски и Илија Филиповиќ. Повторно Одредот се упатил кон Попова Шапка и таму да го превземе оружјето од Мавровскиот одред[326]. Утредента на Попова Шапка, тетовските борци биле забележани од албанска селска патрола. Одредот започнал да се повлекува кон Јелак а од таму низ шумата. Потерата цело време пукала на невооруженият одред. Радован Цониќ директно се упатил во градот за да извести за новата состојба и да се извести мавровскиот одред и да се спречи да доаѓа на Попова Шапка каде би бил во мошне неповолна положба. Во меѓувреме, Тетовскиот одред бил откриен во шумата над селото Шипковица[327]. Во потерата, сите биле уапсени освен Трпе Јовановски Мишка. Меѓу уапсените имало неколку ранети. Сослушувањето на борците било пропратено со силни измачувања а пота сите биле интернирани во политичкиот затвор во Тирана, каде што сите одлежувале повеќегодишна казна. По капитулацијата на Италија, затворениците биле пуштени на слобода на 15. 09. 1943 година[328].

Тетовската партиска организација не се помирила со поразот и на 5 април, во реонот на тетовското кале, покрај Радован Цониќ кој успеал да се извлече и да извести на новонастаната состојба во реонот на Кале дејствувале и Илија Антевски Смок, Саво Марчевски и Вукашин Циповски, со цел на оваа група најискусни револуционери да им се приклучат нови борци. Тие во овој реон останале неколку дена се додека не е решено дека, во тој реон немало услови за развој на партизанско движење и истите на 13. март биле упатени и вклучени во Мавровскиот одред[329]. Тетовскиот партизански одред и покрај грешките, пред се поради исфрлувањето на

[324] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит. дело, 129 – 131.
[325] Димче Савевски, Тодор Циповски Мерџан, време,живот и дело,Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1997, 56.
[326] Нешо Марковски, Формирањето . . . цит. дело, 22 – 23.
[327] Истото, 24.
[328] Тодор Настевски Бодо, Од скоевската група *гимназија* до Првиот тетовски партизански одред, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово, Тетово, 1991, 29 – 30.
[329] Нешо Марковски, Формирањето . . . цит. дело, 25.

невооружени борци на теренот, поради тоа покажал воедно и голема храброст и решителност[330].

Како борец на партизанскиот одред *Кораб,* Иљо Антески Смок, на 26. 04. 1943 год., при судирот со четатата на Џемо Хаса, бил заробен[331]. Во таа борба погинал еден калајџија од Тетово.

Ноќта на 07 јуни 1943 година, се случил еден настан кој го потресол целиот град. Имено, во куќата на семејството Карличевци и домаќинот Јордан Кузмановски, познат сточар и познат граѓанин, влегла вооружена група на Албанци кои ги ограбиле сопствениците и убиле 5 членови од семејството[332]

Италија, уште во пролетта 1943 година, на воен план покажувала слабости и повлекување. Уште во мај 1943 година, италијанскиот полк се повлекол од Тетово, а целата безбедносна ситуација ја контролирала *Финанца*, на чело со озлогласениот командант Виаренго. На 1. Септември, истиот издал наредба за стрелање на 12 сомнителни лица[333]. По нивното стрелање, бил составен нов список од 20 – 30 лица, кои требало да се стрелаат на 15 септември, но поради капитулацијата на Италија, тој план не се остварил[334].

По капитулацијата на Италија на 8 септември 1943 година, во Албанија настанал краток период на безвластие. По три недели, во Тетово се појавил гестаповецот, мајор Бирман со група од околу 15 – 20 подофицери и војници. Тие се сместиле во просториите на *Раденичкото* училиште (ден. Музичко уч.), каде што е организирана германска командантура, како и други германски единици и установи[335].

Корпоративниот совет, кој имал функција на Собрание донел одлука за формирање на т.н. егзекутивни комитети. Еден таков е формиран и во потпрефектурата Тетово на чело со Шаип Камбери[336]. Организацијата *Бали Комбетар*, иако била поврзана со два центри и тоа дебарскиот кој бил под влијание на Велика Британија и вториот во Гостивар и Тетово, кој тесно соработувале со Германците, заедничката програмска цел им останала иста, а тоа е

---

[330] Дека постоеле можности за поефикасно вооружување на борците, докажува фактот дека неколку борци на Мавровскиот одред со забрзан ноќен марш низ полошкото поле на 8 април го донеле потребното оружје за Тетовскиот одред до предградието на Тетово. Истото, 24.
[331] Глигор Тодоровски, Петко Домазетовски, Окупацијата . . . цит. дело, 85 – 86.
[332] Јован Павловски, Ние на татковината и должиме се, таа нам – ништо, Ми – Ан, Скопје, 2003, 117 – 118.
[333] Боро Митровски, Воспоставување на италијанската . . . цит. дело, 262.
[334] Истото.
[335] Боро Митровски, Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 309.
[336] Ванче Стојчев, Формирањето и соработката на колаборационистичките организации во Македонија, 1941 - 1944 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1- 2, 69.

проектот на Втората призренска лига од 16. 09. 1943 година за *Голема Албанија*[337]. На 27. 10. 1943 година во Тетово реформиран автономниот батаљон *Љуботен*, како доброволечки батаљон составен од Албанци резервисти, кој требал да биде спремен за акција кога тоа од него ќе се барало а *во духот на решението земено од Вториот конгрес во Призрен*[338].

Воената сила на големоалбанската реакција во Тетово изнесувал 1.200 војници, мобилизирани од градот и селата, преку 120 жандарми и околу 100 мобилизирани Македонци во т.н. работнички батаљон. Во оваа бројка не се пресметани балистите. Во градот имало редовно околу 30 германски војници, чиј број по потреба се зголемувал[339].

Гестапо работел на зголемување на судирот меѓу Македонците и Албанците, на верски, но работел и на идеолошки план. Есента 1943 година во Тетово, Гостивар и Кичево издаден е оглас преку плакати од страна на германската команда за овие градови во кој се повикуваат Македонците да не им се придружуваат на комунистите против германските сили[340]. Неподнесливата меѓуетничка состојба во Тетово и Тетовско, но и во другите делови на западна Македонија, се почестите барања од бугарската влада до Германците за заштитита на *Бугарите* во овие краишта ги принудило Германците, во ноември 1943 година да распоредат свои воени сили за да не дојде до влошување на состојбата меѓу двата нивни сојузници Албанија и Бугарија. На 6. ноември, командантот на Југоисток итно ја известил врховната команда на Вермахтот дека Тетово и Гостивар ќе ги запоседне 1. Батаљон од 524 гренадирски полк, кој тогаш се наоѓал во Призрен[341].

По воспоставувањето на албанската власт контролирана од германските воени структури во градот, на удар дошле претставниците на српскиот и просрпскиот елемент. Во октомври 1943 година биле уапсени околу 60 граѓани од Тетово од страна на албанската полиција и по наредба на германскиот офицер Берман, 30 од нив биле спроведени во Скопје. Таму биле изложени на мачења од страна на бугарската полиција. Од нив 11 луѓе се спроведени за Германија. Во близина на Владичин Хан, биле симнати од возот и биле со мачења убиени меѓу 31. октомври и 01. ноември 1943 година[342].

---

[337] Истото, 70 - 71.

[338] Глигор Тодоровски, Окупаторски документи од времето на окупацијата на западна Македонија 1941 – 1944 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1965, 302 – 303..

[339] Боро Митровски, Поважните настани во западна Македонија во периодот декември 1943 – август 1944, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1975 , 110

[340] ДАРМ, Скопје, Виктор Аќимовиќ, Ф. Бр. 1300, АК – 3, несреден,

[341] Боро Митровски, Окупациониот систем . . . цит. дело, 308.

[342] Сите тетовски затвореници биле поврзанисо еден ланец, поединечно мачени а потоа убиени, прво свештениците а потоа и граѓаните. Германците ги закопале покрај реката Јужна Морава, од каде што по завршувањето на Втората светска војна моштите им биле извадени и погребани во Владички хан. Убиените граѓани на Тетово биле: Свештениците Мирко Рогановиќ, родум од Спуж, покрај Даниловград во Црна Гора, Аритон Поповиќ, родум од Сурдулица во Србија, Никола Новаковиќ, диригент на хорот *Бинички* и професор по музика, со потекло од селото Пожаране и др.

Во **1944** година, особено од пролетта, во градот владеела мошне напната ситуација. Како се зголемувал бројот на балистичките сили и другите сили кои дејствувале во координација со германските фашистички воени сили, така бројот на членовите на отпорот се зголемувал. Тоа придонело во Тетово да има се повеќе апсења, пљачкосувања, терор и убиства, кои траеле до последните денови од фашистиката окупација[343].

На 14. март 1944 година, ЦК на КПМ испратила директивно писмо до сите обласни комитети во кое стои дека новата народна власт на Македонија е поделена на 12 округа. Еден од нив бил Тетовскиот со седиште во Тетово и во кој се наоѓале Тетовската и Гостиварската околија.

Кон крајот на април и почетокот на мај, 1944 г., благодарејќи на претходните активности на партиската организација во Тетово, бил формиран нов Тетовски партизански одред во кој свое учество зеле и Албанци од тетовскиот крај[344]. Командант на Одредот бил назначен Кемал Аголи, а за комесар Лазо Јовановски. Други борци биле: Есад Бафтијари, Илија Пауновски, Александар Мартиновски, Бруно Карем, Ристо Ангеловски, Александар Апостоловски и Јордан Златановски[345].

Додека одредот се наоѓал во базата *Орловец* на Шар Планина, во градот се случила провала. Уапсени биле Лазо Јовановски и Евгение Лешниковски. Останатите борци на новоформираниот одред од Орловец, успешно се префрлиле во Мавровско. Таму некои од нив се приклучиле во Првата МНО бригада на планината Славеј, освен Александар Апостоловски кој останал во печатницата во Лопушник[346].

Третиот тетовски партизански одред бил формиран во август 1944 година. Во составот на овој одред влегле тетовчани, веќе искусни борци кои претходно биле во составот на Третата македонска бригада. Одлука за формирање на Одредот донел Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како дел од планот за формирање на покрупни воени формации на територијата на цела Македонија и припремите за конечното ослободување на Македонија[347]. По капитулацијата на Италија, во Тетово и Тетовско, германските воени власти формирале респективни воени формации од локалното албанско население, како и Албанци од Косово и Албанија. Најголема формација претставувала СС дивизијата *Скендербег*. Токму затоа, било мошне важно во овој реон да се појави нова партизанска формација која би го разгорела востанието.

---

[343] Галена Куцуловска, Теророт и злосторствата . . . цит. Дело, 300 – 301.
[344] Евгение Лешниковски, Сеќавања за активностите во 1943 и 1944 и формирањето на партизанскиот одред во април 1944 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово,Тетово, 1991, 45.
[345] Истото.
[346] Истото, 46.
[347] Нешо Марковски, Борбениот пат на Третиот тетовски партизански одред, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово,Тетово, 1991, 53.

На 8 август 1944 година во селото Рамно, Кумановско, бил формиран *Третиот тетовски партизански одред*. Во него влегле тетовчаните кои претходно се бореле во Третата македонска бригада: Благоја Бунески, Томо Софрониевски, Александар Здравковски, Ѓоце Стојчевски, Борче Кочовски, Александар Златановски, Нешо Маркоски, Саво Марчески, Димче Савевски, Војо Зафировски, Борис Мисајловски и Мирко Богоевски. Кон групата на Одредот била приклучена и група Албанци и тоа: Нафи Сулејмани, и Шаин Садику од Битолско, Таип Таипи и Ибраим Ибраими од Преспанско и Кочо Пренда од Корча. Овие борци имале за задача да делуваат во приклучувањето на нови борци од албанската народност[348]. На Одредот низ маршрутата и се приклучил и Видое Смилевски Бато, кој имал задача да се префрли во Дебарца на нова воено – политичка задача. Командант на одредот бил Нафи Сулејмани а политички комесар Димче Савевски.

Одредот од 19 борци на 10 август пошол од Козјак со намера да се префрли до Караорман, па од таму во Тетовско. Патот го поминале без проблеми до Азот, каде што им се приклучиле и нови борци. Во партизанската база на планината Кадиница во Азот, Одредот го напуштил Борис Мисајловски, кој имал оштетување на видот настанати при претходна борба[349]. Преминувајќи преку Прилепско, Крушевско, ноќта меѓу 17 и 18 август ја преминале и бугарско албанската граница на Илинска Планина. Така на 18 август, Одредот успешно се пробил до слободната територија во Дебарца која била под контрола на НОД на Македонија. Таму, откако биле срдечно пречекани од месното население, добиле задача заедно со делови од Првата македонска бригада да се пробијат на планината Караорман. На патот до таму стоела само една пречка на железничката пруга Кичево-Охрид која ја чувале германски трупи. За пробивот бил задолжен Тетовскиот одред, кој со брз напад го ослободил преминот за другите борци од Бригадата[350].

Во базата на Караорман, каде имало поголема концентрација на борци, Тетовскиот одред имал одредени измени во својот состав. Нафи Сулејмани, Шаин Садику, Таип Таипи, Ибраим Ибраими и Кочо Пренда, добиле нова задача да учествуваат во формирањето на Четвртата бригада. Димче Савески, преминал во служба на Обласниот комитет на ОЗНА, а во Одредот се вклучил тетовчанецот Христо Антевски, веќе искусен борец во Првата македонска бригада[351], додека другите борци од Тетово и Тетовско останале во своите единици и не преминале во одредот. Одредот на Караорман се задржал две недели. И покрај барањето на борците од Тетово за што поскоро заминување во тој крај, проценката на Видое Смилевски Бато била дека во Тетовско состојбата е мошне тешка за развој на партизанското движење

[348] Истото, 54.
[349] Истото, 55.
[350] Истото, 56.
[351] Истото, 57.

поради големата концентрација на балистички и германски воени сили. Освен тоа Одредот го очекувал Тодор Циповски Мерџан, кој требало да го организира теренот во Тетово за новата ситуација и да донесе најнови информации од таму.

Неколку дена пред тргањето бил формиран Штабот на Одредот: за командант бил назначен Благоја Буневски Мабус, политички комесар Томо Софрониевски Јосиф (Думпа), заменик на политичкиот комесар Ѓоце Стојчевски Амбарче, заменик на командантот Александар Здравковски Санко, интендант Саво Марчевски и одговорен за СКОЈ бил Војо Зафировски.

Една од првите задачи на Одредот била да се префли во Тетовско и при очекуваната капитулација на фашистичка Бугарија, Одредот требало да дејствува во разоружувањето на бугарските гранични единици во тој реон. За префрлување на Одредот од Караорман во Тетовско бил задолжен Аризан Мартиновски Марче.

На 07. 09. 1944 год. Одредот, тргнал од Караорман, кон Тетовско, така што во вечерните часови на 9. Септември одредот пристигнал во близина на селото Требош[352]. Таму ги пречекал Христо Антевски, кој ги информирал дека бугарските единици се повлекле уште 2 дена претходно и ја информирал тетовската организација за пристигнувањето на Одредот. Тодор Циповски Мерџан и Лазо Јовановски Шутомир со помош на Есад Бафтијари и Велија од Вејце, успеале преоблечени во албанска носија да поминат низ блокадата на Тетово и да се спојат со Одредот. Можноста да се дојде до ново оружје од бугарските единици пропаднала поради нивното повлекување уште два дена пред тоа. Тодор Циповски сметал дека, и покрај големата заинтересираност за приклучување на нови младинци од поселието, немало услови за дејствување на Одредот во тој реон, поради неколкуте илјади вооружени Албанци кои денонoќно се движеле во Полог. Поради тоа, одлучено е одредот да се префрли на Шар Планина во базата Орловец.

По успешното префрлување на Одредот од слото Требош во базата Орловец, во текот на наредните денови на одредот му се приклучиле уште 22 нови борци од Тетово, и селата Брвеница и Долно Палчиште[353]. Нови борци на Третиот тетовски партизански одред станале:

---

[352] Со засилен марш преку планините Славеј, Стогово, кон патот Кичево – Дебар, преку Бистра одредот на 8. септември пристигнал во селото Беличица. Дента, со помош на новиот водич Авакум Јаковлески, Одредот преминал на Шар Планина во селото Богдево. Од таму, преку Шар Планина до изворот на реката Маздрача, а во реонот на Бело Езеро, направен е бункер во кое борците засоланале поголемо количество оружје. Со тоа се овозможило брзо движење на Одредот. Од таму, тетовските борци се симнале, покрај селото Ѓурѓевиште во полошката рамнина во близина на селото Жеровјане. Од таму, покрај патот Тетово – Гостивар, стигнале до земјоделското училиште во близина на Тетово. Поради зачестено пукање, одредот се упатил во правец на селото Брвеница, каде што во една нива се засолнале, поради настапување на денот. Следната ноќ, борците преминале преку селата Фалише, Сараќино и Требош. Истото, 58 – 59.

[353] Истото, 61.

Трпе Јовановски – Мишка, Благоја Тосковски, Младен Симовски, Пано Симовски, Андреја Христовски, Саво Тасевски, Александар Јовановски Журчин, Љупчо Момировски, Љубомир Стефановиќ, Андреја Стојановиќ, Љубица Стефановиќ, Драгомир Стефановиќ, Михајло Раичевиќ, Радован Цониќ, Младен Јаниќ, Сретен Теофиловски, Мирко Хнида, Наум Наумовски, Боро ?, Симо Симовски, Боро Вулиќ, и Адам Дамјановиќ. Во селото Вејце во одредот стапил и Мурат Бафтијари. И покрај настојувањето на Одредот да остане во тетовскиот регион, каде што би се развило поголемо вооружено движење особено во селата североисточно од Тетово, Тодор Циповки Мерцан не го прифатил тоа и издал наредба, Одредот заедно со него да се врати на Караорман.

Преку Шар Планина, Одредот, преминал на падините на Кораб, а од таму во селото Беличица. Токму во моментите, кога Одредот пристигнал во ова село тоа веќе било опколено од сите страни со балистички сили, кои имале намера да го пљачкосуваат селото. Настанала жестока борба. Бил направен обид да се пробие обрачот, но при тоа паднале нови жртви. Во борбата жртви имало на двете страни но многу побројните балисти го совладале отпорот на Одредот и жителите на селото Беличица. Во оваа битка погинале 21 борец:[354] Христо Антески (1925), Мурат Бавтијари, (1928), Боро Вулиќ (1925), Александар Здравковски (1922), Владимир Јањиќ (1920), Трпе Јовановски Мишка (1920), Александар Јовановски Журчин (1927), Борче Кочовски (1925), Љубомир Момировски (1928), Михајло Раичевиќ (1924), Пано Симоски Требош (1926), Драгомир Стефановиќ (1923), Љубомир Стефановиќ (1922), Љубица Стефановиќ (1926), Андреја Стојановиќ (1923), Саво Тасески (1925), Благоја Тоскоски Тоска (1922), Тодор Ципоски Мерцан (1920), Ѓоце Стојчески Амбарче (1920). Ранети биле Благоја Буневски Мабус, Само Марчески Марча и Војо Зафировски. Заробените Младен Симовски, Сретен Теофиловски и Андреј Христовски биле донесени во Тетово и на 21.09. 1944 година и стрелани пред очите на граѓаните. Сретен Теофиловски и покрај неколкуте куршуми во него не умрел, па командантот на балистичките единици Џемо Хаса го помилувал. Во меѓувреме била провалена и Тетовската организација, била откриена куќата на Јовановци, каде што била партизанската база и од каде партизаните тајно се упатувале кон планината, Ѓирко Ристовски Дрнц бил уапсен и убиен. Убиена била и баба Мара Исаевска во чија куќа се наоѓала партизанска скривница. Во селото Беличица биле убиени 17 негови жители. Се смета дека борбата во селото Беличица, бруталните убиства на ранетите борци и невооруженот население од селото Беличица, спаѓаат во најкрвавите настани во Втората светска војна во Македонија[355].

Покрај учеството на тетовските борци во тетовските одреди, забележително е и нивното активно учество во другите партизански одреди низ Македонија. Според Димче

[354] Истото, 63.
[355] Истото, 64.

Савевски, нивниот број бил околу 50 борци[356]. Тетовските борци пред да се вклучат во Третиот партизански одред, во периодот од 1942 до летото 1944 година биле во составот на Третата македонска бригада, Мавровскиот одред, Кичевко – мавровскиот одред, подоцна во Првата македонско – косовската бригада, Шарпланинскиот одред и во други борбени состави, во Втората и Третата Македонска бригада а при ослободувањето на Тетово и најпосле при пробивот на сремскиот фронт.

По поразот на Првиот тетовски одред, кога поголемиот број борци биле заробени, Радован Цоникќ и Саво Марчевски кои избегале се приклучиле на Мавровскиот партизански одред *Кораб*[357]. Неколку дена подоцна, на истиот Одред се приклучиле и тетовчаните Илија Антевски Смок, кој воедно станал и негов комесар и Александар Јовановски.

Во составот на Првата македонско-косовска бригада во септември 1943 година се вклучиле и тетовските партизани: Ѓоце Стојчевски, Александар Златановски, Санко Здравковски, Димче Савевски, Благоја Буневски, Борче Кочовски, Милан Јовановски, Јован Ончевски, Нешо Марковски, Тодор Настовски и др.[358]

Откако Бригадата, после големи борби и маневри стигнала во селото Фуштани, од нејзиниот состав, речиси сите тетовски борци биле вклучени во батаљонот *Стив Наумов*, освен Милан Јовановски, Тодор Настовски и Ристо Тевдовски, кои биле вклучени во други единици[359]. Во овој батаљон останале: Благоја Буневски, Димче Савевски, Саво Марчевски, Санко Златановски, Нешо Марковски, Санко Здравковски, Ѓоце Стојчевски, Јован Ончевски, Борче Кочовски и Томо Софрониевски. Подоцна на батаљонот се приклучиле и Војо Зафировски, Мирко Богоевски и Борис Мисајловски. Во составот на овој батаљон, тетовските борци имале мошне голем број на борби со бугарската војска и полиција и четниците во источна Македонија и јужна Србија. Во јужноморавскиот и козјачкиот регион, во 1943 и 1944 година благодарејќи на успешните борби била создадена слободна територија. Во борбите кај Станкин Мост од тетовските борци загинал Јован Ончески Ќуфте а во борбите на Петрова Гора бил ранет Нешо Марковски. Ѓоце Симовски Требош загинал во борбите за ослободување на Прилеп[360]. Во септември 1944 година кон Косовско – Метохиската бригада од Тетово и Тетовско се приклучиле 67 борци, од нив од градот биле: Милутин Арсовски, Воислав

[356] Димче Савевски, Партиските . . . цит. дело, 345.
[357] Саво Марчевски, Тетовчани во партизанските одреди и единици на Народноослободителната војска, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 136.
[358] Истото, 137.
[359] Истото.
[360] Истото, 138.

Јанчевски, Мирко Јанчевски, Јован Кировски, Лазар Кировски, Кирил Симовски, Софро Стојчевски и Душан Шуње[361].

Целокупниот состав на Вториот тетовски партизански одред, освен Евгение Лешниковски, кога преминал од Тетовско во Мавровско, се приклучил на Првата Македонска НО бригада на Славеј Планина[362].

Во половината на август со друга група партизани во Шарпланинскиот одред пристапиле и двајца тетовчани: Милан Марковиќ и Томче Грнчаровски[363]. Во октомври 1943 година, Јордан Златановски, Евгение Лешниковски, Трајан Трчковски Тарзан, станале борци на Шарпланинскиот одред[364].

Од непотполниот список на 12 Скопска ударна бригада и сеќавањата на Васе Селовски, учествотото на тетовски борци е значително: Илија Билбиловски, Десанка Илиевска, Васе Селовски, Даница Селовска, Марга Бојовиќ, Симо и Панто Кузмановски, Панче Миркуловски, Васко Мисајловски, Момир Момировски, Љубица Поповска, Димко Шалтановски, Душанка Тодорова, Михајло Гугувчевски, Душан Петровски, Андреја Јордановски, Вукашин Георгиевски, Александар Кочовски, Ристо Петровски, Верка Стефановиќ, Благоја Тасевски, Томо Даниловски, Владимир Симовски, Глигор Петровски, Љубомир Петровски, Методија Василевски, Тодор Бошковски, Јордан Јовановски, Мирослав Ристовски, Милорад Васовски, Димитрија Димитриевски, Петар Петровски, Борис Јаневски, Урош Лукаровски, Живојин Јовановиќ, Славе Петровски, Трпе Ѓуровски и Никуш Јаневски[365].

Душан Митевски Румунлијата уште од септември 1942 година, станал партизан во Втората чета на Партизанскиот одред *Димитар Влахов*, во чии редови, во една борба со бугарската војска, загинал[366].

По ослободувањето на Тетово, односно Македонија, голем број борци од Тетово учествувале и во завршните операции за ослободување на Југославија. Тие најмногу биле вклучени во составите на 14 Македонска младинска бригада *Димитар Влахов*, во 19 Македонска НО бригада, *Гоце Делчев*, 4. (7.) Македонска НО бригада и во 12 Македонска (Скопска) НО бригада[367].

---

[361] Истото, 139.
[362] Евгение Лешниковски, Сеќавања . . . цит. дело, 45.
[363] Тихомир Слијепчевиќ Гајо, Шарпланинскиот партизански . . . цит. Дело, 38.
[364] Истото, 41
[365] Саво Марчевски, Тетовчани во партизанските одреди . . . цит. зборник, 139.
[366] Благоја Бошковски, Како загина Душан Митевски – Румунлијата, Тетово и Тетовско во НОВ, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 170 – 171.
[367] Истото, 140.

Учеството на жените од Тетово во партизанските одреди се забележува од 1943 година и тоа Златка Стојкоска, Нада Антева, Рада Стокојвска и Зора Димитријевиќ. Во 1944 година нивното учество е поголемо и тоа повеќе од оние кои за време на војната се преселиле во Скопје каде што постоеле поповолни услови за развој на НОБ. Меѓу нив се: Рада Настева Дамјанова, Савица Жежова, Милица Иванова, Благородна Глигорова Јаворец, Ката Лозанова, Катарина Стојанова Мирчевска, Љупка Георгиева Поповска, Даница Милосавлевска Селовска, Вера Георгиева Стефановиќ, Десанка Војнова Трајкова, Благородна Панова Маркова, која при една битка била заробена од балистите и сверски убиена[368]. Во Третиот тетовски партизански одред како борец била и Љубица Стефановиќ од Брвеница, која заедно со своите двајца браќа загина во борбата во с. Беличица.

Меѓу затворените жени во затворите и логорите од окупаторските власти биле: Трпана Јовановска во женскиот затвор во Тирана, Зора Ристеска Димитријевиќ во женскиот затвор во Тирана, Славка Јовановска во тетовскиот затвор, Викторија Дјуженкова во тетовскиот затвор, Анѓа Стојковска, во тетовскиот затвор а од таму во приштинскиот логор, Нада Христова во тетовскиот затвор, Стојанка Крстевска во тетовскиот затвор, Љубица Стефановска во тетовскиот затвор, Слафка Фиданова во Скопскиот затвор а подоцна и во тетовскиот затвор.

За време на Втората светска војна, Тетово, претставувал град со распространета мрежа на антифашистичкото движење. Подршката од народот била голема и токму затоа и илегалните членови и борци на НОД од другите краишта на Македонија и пошироко не биле откриени од окупаторските власти, за целото време на окупацијата.

Меѓу првите партиски кадри кои биле прифатени во тетовските семејства биле: Перо Наков, Кузман Јосифоски Питу, Страхил Гигов, Трајко Бошковски Тарцан, Ванчо Бурзевски, Крсте Црвенковски, Цветко Узуновски, подоцна Светозар Вукмановиќ Темпо, Михајло Апостолски, Боро Канчевски, Анте Гиновски и др[369].

Откако борците на Крушевскиот одред *Питу Гули* во зимата 1942/43 година се нашле во тешка позиција, еден дел од борците дошле во Тетово, каде се приклучиле на тетовската партиска организација и во Тетовскиот одред. Меѓу нив биле: Шула Мина, Манчу Матак, Гонча Туфа, Сина Димитроска, Томо Пуре, браќата Донковци, Таќа, Андон и Христо и

[368] Вера Весковиќ – Вангели, Учество на жената од Тетово во народно-ослободителната војна и револуцијата (1941 – 1945), Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 197.
[369] Димче Савевски, Тодор Циповски Мерцан . . . цит. дело, 67; Стенографски белешки . . . цит. док., 101 - 104.

Димитар, Берберoски Климе[370]. Врските меѓу Тетово и Крушево и обратно ги одржувал крушевчанецот Јанку Лега Баламут.

Во пролетта 1944 година во Тетово и Тетовско дејствувале три локални реакции: големоалбанската, големосрпската и големобугарската, од кои најсилно и најотворено поврзана со окупаторот била големоалбанската реакција[371]. Нејзината врска со масите се менувала од развитокот на политичката ситуација. Гестапо ја користел оваа ситуација за влошување на меѓунационалните односи и концентрирање и усмерување на великоалбанските структури против единиците на НОВ и ПОМ, како против позадинските структури на отпорот во самиот град[372]. Воената сили на големоалбанските структури во Тетово биле околу 1.200 војници, мобилизирани од градот и селата, преку 120 жандарми и околу 100 Македонци мобилизирани во т.н. работнички батаљон[373]. Во 1944 година, бројната состојба на колаборационите сили изнесувала околу 5.100 луѓе[374].

Во меѓувреме албанскиот батаљон *Љуботен,* во април 1944 година бил упатен кон Подградец, каде што патем бил разбиен. На негово место во Тетово дошол еден батаљон од Призрен, кој подоцна е наречен *Тетовски – призренски* батаљон. Истиот, поради загубите на претходниот батаљон, многу лошо се однесувал кон населението. Сепак, поради лошата состојба на единиците, Германците решиле да го распуштат овој батаљон и кон крајот на мај и јуни германскиот полковник Хаузер регрутирал нови борци и формирал во Тетово СС дивизија *Скендербег*[375].

Според еден извештај од 16 мај 1944 година, организационата состојба на Партијата, односно на илегалниот отпор во Тетово и Тетовско се состоела од 6 члена во Месниот комитет, а во градот имало вкупно 20 члена на КП, два актива од по 4 члена, 17 воспитни групи со 55 опфатени, 6 пододбори со 21 член, 20 организирани Албанци, 11 скоевски групи со 36 члена а во народната помош биле опфатени 70 члена[376].

Во истиот извештај се наведувало дека големобугарската реакција речиси и да не постоела и се придружила кон идеите на Партијата. Нешто поорганизирани биле припадниците

---

[370] Викторија Пети, Активноста на партизаните од партизанскиот одред, *Питу Гули* во Тетово во 1943 год., Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СЗБНОВ Тетово, СО Тетово, Тетово, 1991, 67.
[371] Митровски Боро, Окупациониот систем . . . цит. дело, 312 – 322.
[372] Глигор Тодоровски, Петко Домазетовски, Окупацијата . . . цит. дело, 85 - 86.
[373] Истото, 120.
[374] Митровски Боро, Окупациониот систем . . . цит. дело, 319. Албанскиот полициски апарат – 16, Албанска жандармерија – 250, Балисти – 2000, Батаљон за безбедност – 800, СС трупи, албански – 1.500, Финансиски граничари, албански – 80, Германски војски – 450 и Гестапо 3.
[375] Живко Аврамовски, Мерки на Германците за формирање на СС дивизијата Скендербег и оценатa на нејзината борбена вредност, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 323 – 331.
[376] Истото, 111.Се располагало со 60 албански златни наполеони, со две машини за пишување кирилица и со една за албански јазик и т.н.

на големосрпската реакција, составена од бивши чиновници и функционери на локалната власт во Кралството Југославија, кои не располагале со реална моќ и подршка на теренот.

Капитулацијата на Царството Бугарија и плановите за повлекување на германската група армии Е од Грција преку Македонија и поранешното Југословенско Кралство кон Австрија и Германија, меѓу другото предизвикале повлекување на Германците од Тетово и Тетовско, главно меѓу 1. и 7. септември. На 10 септември власта во Тетово ја превзела група под целосна контрола на Џемо Хаса и таквата состојба останала до ослободувањето на градот. Овој период од дваипол месеци се карактеризирал со *големо безвластие, терор, зулуми, претреси во куќите на немуслиманското население*[377].

Ослободувањето на Тетово се поклопувало со завршните воени операции на Народноослободителната војска на Македонија, за конечното ослободување на вардарскиот дел од Македонија. Со територијалната реорганизација на Вардарскиот дел на Македонија во септември 1944 година, биле укинати постојните 4 оперативни зони и биле формирани 3 корпусни области. Во составот на Првата корпусна област влегле и подрачјата на Тетово и Гостивар[378]. Борбите за ослободувањето на Тетово биле непосредно врзани со борбите за ослободување на Скопје[379]. Тоа се одвивало синхронизирано од два правца, од Скопје дејствувале 42. и 50. дивизија и од правецот од Струга и Охрид преку Гостивар дејствувале 41. и 48. дивизија. Овие респективни воени сили биле ангажирани поради прилично големата концентрација на балистички и германски воени формации кои биле добро вооружени. Така само под водство на балистичкиот водач Џемо Хаса имало 3.000 – 4.000 вооружени Албанци, а најдобро опремени и обучени под германско раководство биле припадниците на СС дивизијата *Скендербег*.

Германските сили по капитулацијата на Бугарија, единствено, како на сојузници се потпирале на албанските профашистички и големоалбански организации. Со ветувањето за Голема Албанија во тој склоп им го ветиле и Скопје и со паролата дека комунистите физички ќе ги ликвидираат Албанците, Германците на таков начин ја обезбедувале позадината за успешно повлекување на групата армии Е, кон север. Токму затоа борбите за Тетово, всушност биле започнати во околината на Скопје, каде што Џемо Хаса испраќал значителни воени единици за напади врз позициите на НОВ.

Главниот штаб на НОВ и ПОМ, поради овие околности на 20 октомври 1944 години издал наредба за *чистење на просторот помеѓу Скопје и Скопска Црна Гора, како и помеѓу*

---

[377] Митровски Боро, Окупациониот систем . . . цит. дело, 320 – 322.
[378] Миле Михајлов, Военозаднинските органи во народноослободителната војна на Македонија (1941 – 1945), ИНИ, Скопје, 1992, 273.
[379] Боро Чаушев, Ослободувањето на Тетово, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 96 – 108.

Скопје, Тетово и Гостивар од балистичките сили и истите да се изолираат од германските единици[380] кои биле распоредени по важните комуникациски правци и пунктови.

За ослободувањето на Тетово, биле превземени низа борбени дејствија од двата наведени правци. Од правецот Скопје - Тетово, борбите ги воделе дел од единиците на 15. македонски ударен корпус, пред се 3., 8. и 12 . бригада на 42 дивизија, 6. бригада на 48. дивизија, како и Скопскиот партизански одред. Од правецот Кичево – Гостивар жестоки борби воделе 41. и 48. Дивизија на 15. Корпус. Во составот на овие две дивизии учествувале: Прва, Втора, Четврта, Шеста, Седма, Десетта, Единаесетта и Петнаесетта бригада[381]. Во меѓувреме на 13. Ноември било ослободено и Скопје, така што веднаш е започнато со подготовките за ослободувањето на Тетово. Иако отсечени од германските сили, балистите располагале со значителни сили кои вршеле контранапади во Скопски Дервен, така што посебно тешки борби се воделе помеѓу 14., 15. и 16. ноември. Имено, овие сили всушност претставувале длабинска одбрана на Тетово и затоа на потегот меѓу Сарај и Матка биле стационирани околу 3.000 балисти кои дале голем отпор. Балистите добро ги искористиле природните препреки на реката Треска и високите карпести позиции на реонот Матка, каде што биле поставени повеќе моќни митралезиски гнезда. За да се избегнат големи човечки загуби, единиците на 50. Дивизија морале да употребат и артилерија, по што, Балистите побарале прекин на огнот. Штабот на 50.

---

[380] Истото, 99.

[381] За ослободувањето на Тетово, биле превземени следните акции[381]: 1.) Третата бригада на 42. Дивизија го нападнала селото Глумово и селото Шишево и со дел од силите го затворила патот Скопје - Тетово, со што е оневозможена понатамошна комуникација и движење на непријателските сили во двата правца. 2.) Дванаесетата бригада ги нападнала селата Грчец и Крушопек и се распоредила во правецот на селата Чифлик, Барово, Ракотинци и Варвара. 3.) Осмата бригада извршила напад на непријателските сили во правец Криво Дрво – Живков Дол – селата Гургурница – Седларево – Лакајца а потоа се разместиле по планината Осој и селата Д. Лешница и Желино и сосема да го затворат правецот кон Тетово. Гореневедените борби се воделе фронтално, повеќедневно со честа примена на контранапади. Задачите биле извршени во целост, со извесен број на жртви а најжестоки борби се воделе кај селата Шишево, Глумово, Гургурница, Седларево, Горно Нерези и Крушопек. Со овие акции до крајот на октомври 1944 година, наполно биле отсечени балистичките од германските сили. Во борбите балистичките сили покажале висок степен на организираност а Германците освен давањето стручна и тактичко - планска команда, обезбедувале силна минофрлачка и артилериска подршка. Со поразот на непријателските единици, битно се влијаело врз нивниот морал. 4.) Од друга страна во ослободувањето на Кичево, Гостивар и Тетово, во тој правец борбите ги воделе две дивизии (41 и 48 дивизија) на 15 корпус. Во составот на овие дивизии биле 8 бригади, Прва, Втора, Четврта, Шеста, Седма, Десетта, Единаесетта и Петнаесетта. 5.) И покрај големата концентрација на непријателски сили на 15, 16 и 17 ноември во жестока борба на потегот од Кичево – Зајас - Тујна биле совладани главните балистички и помали германски сили и бил зададен решавачки удар со што се отворил патот за ослободување на Гостивар и Тетово. Користејќи ја дезорганизираноста и повлекувањето на главнината на непријателските сили кон Гостивар и Тетово, Главниот штаб на 15. Корпус издал наредба за незапирливо гонење. Така што на 18. ноември 15 бригада на 48 дивизија прва навлегла во Гостивар и истиот ден градот без поголеми отпори бил ослободен. Балистичките единици панично се повлекувале кон Тетово, последниот неослободен град во Македонија.

Дивизија побарала од нивната делегација да прифатат безусловна капитулација, да го предадат оружјето и да прекинат со секаков вид на отпор во рок од 5 часа. По непочитувањето на овој рок од страна на балистите, единиците на Македонската армија, конкретно 50. Дивизија, превзеле на 17 ноември главен напад за конечно ослободување на Тетово. Поголемиот број на бригади од оваа дивизија се упатиле кон Качаник. Другиот дел од дивизијата, односно 13. и 14. бригада, со подршка на артилеријата, успеале да ја преминат реката Треска, по што директно ги нападнале утврдените позиции. Така се овозможило да се превземе широк фронт кој се протегал од масивите на Осој и Сува Гора, преку падините на Жеден до реката Вардар и заедно со единиците кои настапувале од Гостивар се овозможило широко обиколување на градот Тетово. На 18 ноември, борците на 50. и 3. бригада од 42. дивизија го опколиле поголемиот дел од Тетово. Истата вечер и другите бригади од повеќе правци, чистејќи ги селата од балистите се придружиле во опсадата на поширокиот реон околу Тетово.

Вечерта на 19. ноември, единиците на Македонската војска влегле во Тетово без никаков отпор. Имено, ноќта меѓу 18. и 19. ноември, направен е инпровизиран превrат од самите Албанци за да избегнат потешки последици за нив. Откако ноќта се слушале големи пукотници, поголема група на тетовски младинци – скоевци на чело со Спирко Спирковски, симболично во центарот на Тетово ја превзеле власта со разоружувањето на една балистичка група. Во целата оваа акција посредувал Ќазим Љума. Потоа, оваа група, на чело со Љума, се упатила кон Скопје, на самиот пат до таму имало повеќе балистички заседи, кои по преговарањата и убедувањата на Ќазим Љума, со поголем или помал отпор, една по една се повлекувале а дел од нив го предавале и оружјето. Конечно во Скопски Дервен, оваа група младинци се сретнале со партизаните на 19. Бригада на Македонската армија[382].

Поголемиот дел на бригадите се стационирале по селата за да не се изврши евентуален контранапад на заостанатите балистички вооружени групи. Интересно е да се напомене дека селата со албанско население биле *напуштени од неговите жители, поради претходната пропаганда дека партизаните* ќе извршеле одмазда врз Албанците. Набргу, откако Албанците се уверile во спротивното и за два до три дена збеговите се вратиле во своите села и продолжиле со нормалниот живот.

Еден од војниците на македонската војска кој учествувал во ослободувањето на Тетово, Славе Лазаревски, се сеќава на тие моменти: *Од Матка се упативме кон с. Ласкарце. Таму Албанците се повлекуваа кон Гостивар. Им рековме да не бегаат. При една контрола во џамијата, најдовме многу пушки. Селата накај Тетово беа празни и дојдовме кај Групчин кој беше празен. На 18. ноември се упативме од Групчин кон Д. Лешница и Г. Лешница, а од таму*

[382] ДАРМ, Одд. Тетово, Стенографски белешки, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978, 136 – 137.

во Желино. Го преминавме Вардар кај Сараќино и од таму се распоредивме во стрелци кон Тетово.

На 19. утрото, стигнавме пред железничката станица, Мала Станица и тука тетовчани не пречекаа во голем број со цвеќе и храна и свечено не дочекаа, но со наредба да не се влегува во град, затоа што се вршат преговори. Еден дел од четата се упативме кон старата касарна и таму се вкопавме. Наредба добивме да не се пука. Преговарале Драган Спироски и Круме Ќорнак со командантите од албанската единица. Кога преговорите завршија и отидовме до старата касарна и гледавме како Албанците ги фрлаат опасачите и оружјето и сошиваат петокраки на капите.

Јас со група партизани се упативме кон денешното Музичко училиште, па по улицата И. Р. Лола, стасавме до куќата на Марко Петровиќ Посланик. (до денешната гимназија). *Ние се сместивме во куќата на Тихо Јаневски. Мој впечаток е дека во Тетово, македонската илегала беше многу организирана.*

На 20. ноември ме изненади татко ми мѝ донесе храна и облека. На 21. Ноември бев на мртва стража на Калето. Ноќта слушав некакви пискотници кои доаѓаа од градот.

На 07. 11. 1945, не собраа во Монопол и направија селекција, кога во војската останаа само младите партизани кои претходно не биле во српска и бугарска војска. Тој ден, од Гостивар дошла, Втората Македонска бригада, 48 Дивизија и ние влеговме во нејзиниот состав. Истиот ден појдовме кон Скопје[383].

Тетовското воено подрачје, доби своја *Команда на место*, во Тетово. Командниот состав, брзо се менувал за краток период[384]. Во ослободеното Тетово, брзо се воспоставил нормален живот, благодарејќи, меѓу другото и на военозаднинските органи.

Жителите на ослободеното Тетово со голема радост и многу манифестации ја изразиле благодарноста кон ослободителната војска. Се одржале многу собири и еден масовен митинг на кој говореле највисоките претставници на АСНОМ и Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, на 50-та дивизија, на военозаднинските органи и претставниците на Градскиот НОО[385]. Веднаш е формиран и Народноослободителен одбор кој ја превзел локалната власт. Во следните денови бригадите, заедно со военозаднинските чети ги продолжиле активностите за разоружување на преостанатите балистички групи и собирање на оружје и муниција по

[383] Славе Лазаревски (1924 -), пензионер од Тетово, со потекло од с. Лесковци, Св. Николско, изјава, 06. 12. 2008, лична архива, Б.С.
[384] Миле Михајлов, Военозаднинските органи . . . цит. дело, 275. Команданти биле: Коле Петковски, Никола Макеларски, Трпко Стаматовски, Благој Буневски Мабус и Цене Антевски.
[385] Истото.

селата[386]. Во текот на декември 1944 и јануари 1945 година, Тетовското воено подрачје извршило мобилизација за пополнување на 15. Корпус. Во оваа важна операција и во целокупната логистика на двете дивизии кои се наоѓале на тетовското подрачје, клучната работа ја завршиле военозаднинските органи на Тетово[387].

Македонците од Тетово во Втората светска војна, дадоа свој забележителен придонес, во мошне тешки воено-политички околности. Во војната загинале 23 борци во партизанските одреди и единици на НОВ, 7 борци и активисти во директен терор, 67 активисти биле затворани во затворите низ Македонија, Албанија и други места во Балканот, 33 логораши и интернирци[388].

1.5 ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО (1944 - 1950)

Веднаш по ослободувањето, во ноември/декември 1944 година воспоставена е народна власт и со градот и околијата управувале Окружен народноослободителен одбор, Околиски и градски НО одбори[389].

Периодот во првите години по ослободувањето, го карактеризираат големи историски промени. Најголемата историска придобивка е секако извојувањето на долгоочекуваната слобода на македонскиот народ а со тоа и формирањето на современата македонска држава. Заедно со Македонците, своја национална слобода извојуваа и другите припадници на народи кои живееле во Македонија. Со одлуките на АСНОМ, како највисоко законодавно тело, Македонија е прогласена за Демократска федерална Македонија во вардарскиот дел од Македонија, како федерална единица на Демократска федеративна Југославија. Во тие рамки, македонскиот народ и држава се признати како еднакви со другите народи кои живееле во ДФ Југославија. Ваквиот назив останал до формирањето на првата Народна влада на НРМ (16. 04. 1945 год.). Првите 5 години на асномска Македонија се карактеристични по т.н. државно-централистичко уредување на државата, кое суштински траело до 1953 година[390].

---

[386] Евстати Тасковски, Борбените дејства на 14. Македонска младинска ударна бригада *Димитар Влахов* во завршните борби за ослободување на Македонија, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 109 – 113; Благој Левков, Учеството на 19-та Македонска НО Бригада *Гоце Делчев* во ослободувањето на Тетово, Тетово и Тетовско . . . цит. зборник, 121 – 124; Ристо Кирјазовски, Формирањето на Првата народноослободителна ударна бригада од егејска Македонија и нејзината активност во Полог, Тетово и тетовско . . . цит. Зборник, 132 – 134.

[387] Миле Михајлов, Военозаднинските органи . . . цит. дело, 275 – 276.

[388] Димче Савевски, Партиските . . . цит. дело, 353 – 366.

[389] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, цит. дело, 24.

[390] Виолета Ачкоска, Општествено-економскиот развој на современата македонска држава (1944 – 2004), Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 57, 2004, 244.

Според Уредбата на Министерскиот совет[391], Федерална Македонија се делела на четири територијални подрачја односно округи: Скопски, Велешки, Битолски и Штипски. Во состав на Скопскиот округ кој се дели на околии се наоѓа и Тетовската околија. Тетовската околија, покрај градот Тетово опфаќала и 55 населени места[392].

Тетовската околија со овие 55 населени места и градот Тетово биле поделени на 35 Народни Месни одбори.

Во 1947 година[393], Територијата на Народна Република Македонија е поделена на 27 територијални околии. Тетовската околија била поделена на 42 Месни народни одбори со 82 села[394].

Градот Тетово, во рамките на Тетовската околија, бил под управа најпрвин на Градскиот народноослободителен одбор а потоа на Градскиот народен одбор. За прв претседател на ГНО бил избран Веселин Пандиловски.

Во 1945 година градот Тетово броел над 17.000 жители[395], што е за 3.000 жители помалку од 1915 година. Миграциите, предизвикани од војните и многуте режими, најмногу влијаеле врз намалувањето на населението во градот.

Организацијата на народната власт во градот своите зачетоци ги има уште за време на окупацијата во Втората светска војна, кога во градот биле оформени првите организирани форми на отпор и организирање на вооружено востание[396]. Оваа улога ја превзеле членовите на Комунистичката партија и органите и другите организирани форми произлезени од неа, младинската организација, народниот фронт, активот на жените и сл. Овие органи се основата на новоформираните Народно ослободителни одбори. На 20 декември 1944 година во Тетово

---

[391] Уредба на мининистерскиот совет на Федерална Македонија за определување на бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиите и месните одбори. Скопје, 27. 11. 1945 год.

[392] Тоа се населените Места: Горно Палчиште, Долно Палчиште, Новаке, Жеровјане, Групчин, Копачин Дол, Чифлик, Ларце, Ново Село, Рогле, Церово, Мерово, Желино, Стримница, Добарце, Сараќино, Горна Лешница, Долна Лешница, Бродец, Вешала, Бозовце, Лисец Селце, Вејце, Шипковица, Камењане, Синичане, Урвич, Ново Село, Седларево, Луковица, Сенокос, Неготин, Пирок, Градец, Ѓурѓевиште, Ломница, Горјане, Брвеница, Долно Седларце, Радиовце, Жеровјане, Боговиње, Долно Седларце, Радиовце, Раковец, Селце Кеч, Волковија, Стенче, Теново, Милетино, Блаце, Челопек, Пороj и Цепчиште. Седиште: гр. Тетово.

[393] Закон за административно територијална поделба на Народна република Македонија. Скопје, 13. 01. 1947.

[394] МНО: Мала, Речица, Долно Палчиште, Јеловјане, Урвич, Камењане, Боговиње, Седларце, Радиовце, Теново, Милетино, Челопек, Брвеница, Сараќино, Стримница, Долна Лешница, Чифлик, Групчин, Ново Село, Цепчиште, Лисец, Гајре, Селце, Вејце, Бродец, Вешала, Шипковица, Рогачево, Вратница, Одри Беловиште, Нераште, Теарце, Пршовце, Лешок, Слатино, Непроштено, Ѓермо, Јанчиште, Туденце, Шемшово.

[395] ДАРМ Скопје, Претседателство на Влада на ДФМ, ф. Бр. 159, 4, 40/503.

[396] Новица Велјановски, Создавањето и развојот на органите на народната власт во Тетово и Тетовско 1941 – 1944, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 202 – 210.

бил избран Околискиот одбор на Народно ослободителниот фронт (НОФ) и набргу после тоа и Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) и Народноослободителен младински сојуз (НОМСМ). Овие општествено политички организации имале задача да ги запознаваат граѓаните со актуелните политички состојби, со програмата на КП, сузбивање на активностите на реакцијата, особено меѓу албанското население, со одлуките на АСНОМ, организирање на првите избори за локалната власт и за Уставотворното собрание и други активности[397].

Една од пообемните задачи на локалната власт била отворањето на училиштата во кои за првпат во современата историја, наставата се одржувала на македонски литературен јазик, а се одржувале и аналфабетски курсеви[398]. Покрај аналфабетските курсеви се организирале и стручни курсеви за кадри од струките кои биле мошне дефицитарни[399]. Локалниот весник Шар јавува: *Во третата планска година од Петтогодишниот план, нашите претпријатија, фабрики и во другите градилишта потребно е стручен кадар. . . Не мал број младинци и младинки, оспособени на стручните курсеви станаа активни борци за изградба на социјализмот во нашето село, во задружните домови. Изградбата на текстилната фабрика во нашиот град бара стручни кадрови. Нашата власт тоа наполно го реши, испрати младинци и младинки во Вараждин*[400].

Првите години по ослободувањето е време кога на економски план се работело на консолидирање и ревитализација на стопанството, елиминирање на последиците од војната но и создавање на материјално-политичка основа на новиот општествен поредок, односно народната власт, заснована на државна сопственост над средствата за производство и најголемиот дел на недвижниот имот. За да се реализира сето тоа, владеачката партија КПЈ – КПМ тргнала во крупни промени на општествено-економската структура за кои биле извршени низа економско – политички мерки, односно, биле донесени редица на закони за радикална промена на сопственичките односи од приватна во државна сопственост[401].

Најпрвин се започнало со одземање на имотите на *народните непријатели*, односно *соработниците на окупаторот, воените профитери* и *шпекуланти*, преку конфискација, а потоа и со секверстација, национализација, арондација па се до аграрната реформа. Сите овие мерки незаобиколно ги зафатило и жителите на Тетово, каде што на повеќе стотици семејства

---

[397] Виолета Герасимова, Народноослободителниот фронт во Тетово и Тетовско во 1944 и 1945 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 214 – 216.

[398] Лазар Лазаров, Општествено – политичките организации во обновата и изградбата на НР Македонија 1944 – 1948, ИНИ, Скопје, 1979, 189.

[399] Шар, Тетово, Младинци и младинки пријавувајте се за стручни курсеви, бр. 39, 02. 06. 1949, 4; Истото, Во Тетово започна 3 месечен зидарски курс, бр. 23, 06. 01. 1949, 3;

[400] Шар, Тетово, Младинци и младинки . . . 4.

[401] Гордана Плетварска, Промена на сопственичките односи во ДФМ – НРМ (1945 – 1946), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1- 2, 2005, 327 – 341.

им бил одземен имотот под разни основи[402]. Низ неколку монтирани судски процеси, одземен е имотот на поимотните граѓани. Борис Ципа со неговото семејство, кој бил ќуркчија бил жртва на еден таков монтиран процес: *По војната не наклеветија и ни монтираа судење (пред многубројни граѓани) со наместени луѓи – навијачи, ама стана Стевче Јанкуле и рече:ако свите луѓи работаа ка нив, државава ќе цвета. По судењето не пресретна д-р Жидков и ни рече: имате алтан бизилик (златни прсти) и ќе имате појќе од другите! Не дотераја у козји рог*[403]. На сличен начин, биле одземени имотите на Драго Грнчар, Мате Ченка, на семејството Здравевци и т.н.

Во овој период доаѓа и до прогон и апсења на повеќе Македонци од Тетово, по различни основни. Најголем број од нив биле затворени по основ на Информбирото, потоа како *народни непријатели, воени шпекуланти* и *жртви на т.н. златарска афера*, во која биле ограбени поголем број трговци, златари и побогати граѓани од цела Македонија, од страна на раководители и извршители на народната милиција. При таквите грабежи без записници, настрадале и неколку чесни тетовчани, како што биле браќата Јован и Михајло Маркоски[404], Тодор Петров и др[405].

Една од поголемите негативни реформи во првите години на социјализмот, била секако аграрната политика, која директно влијаела на пропаста на македонското село и принудна миграција село – град со далекусежни негативни последици[406]. Со низата мерки, како што се ситнењето на земјишниот фонд, формирање, против волјата на селаните, на селски работни задруги, забрана на одгледување на козите, задолжителниот откуп, прогласувањето на голем број селани за класни непријатели, шпекуланти и сл., на државата селото ја губи својата вистинска улога и претставувала големо оптоварување за селаните. Како најголем удар врз селото била колективизацијата на македонското село. Тоа особено се одразило во селата каде што живееле Македонците кои требале да служат како пример, за разлика, од селата со Албанци во кои процесот е одложуван.

Во периодот по Втората светска војна продолжил процесот на исселеување на Турците од Македонија а со тоа и од Тетово. Мотивите за исселувањето кое започнало уште во периодот по Првата светска војна, во овој период само се проширале. Така освен верските

---

[402] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, 1944 – 1990, Ф. бр. – 57, АК. 33 – 41; ДАРМ, Одд. Тетово, Околоски народен одбор Тетово, Ф. бр. 28, 1944 – 1965, АК. 76 – 80.
[403] Борис Ѓорчески . . . цит. извор, 25. 10. 2006.
[404] Јован Марковски (1904 – 1998), пензионер од Тетово, изјава, 24. 04. 1997, лична архива, Б.С.
[405] Ефтим Гашев, Нашата кауза, Скопје, 2007, 177, 178, 275 – 276.
[406] Виолета Ачкоска, Миграцијата село-град како последица на аграрната политика 1945 – 1953 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1994, 65 – 74.

постоеле и политички и економски причини предизвикани од новото општествено социјалистичко уредување[407].

Обновувањето на стопанството и инфраструктурата се одвивало најмногу преку т.н. доброволни работни акции преку фронтовските организации кои пак ги реализирале според планска изградба, која ја диктирала партијата[408]. *Сите тешкотии во работата со правилна политика на нашата Партија и нашиот ЦЕКА, беа совладани и беа спроведени сите задачи. Народниот фронт во минатата година се покажа и се покажува како мобилизатор на народните маси во градов ширејќи го социјалистичкиот однос кон народната сопственост, социјалистичкото натпреварување, ширејќи ја масовната иницијатива на масите и работниот елан во работата*[409].

Ваквите работни акции, во чиј прилог одел и почетниот ентузијазам на народот кој конечно ја дочекал слободата, со минимални трошоци поради *доброволната работа,* во првите години дале силен импулс за раздвижување на стопанскиот и севкупниот живот на државата, вклучително и на градот. Во Тетово се пристапило во обнова на патишта, улици, железница, хидроцентралата, пошумување, нови индустриски капацитети, здравствена станица, училиште, планинарски домови и др. објекти[410]. *Во спроведувањето доброволни акции во минатата година за поправање на патиштата во Тетовската околија, фронтовците масовно учествуваа и направија 35 км. нови патишта Тетово – Попова Шапка, селото Вратница – Љуботен, селата Урвич, Јеловјане, Камењане и др., како што извршија поправка на 236 км. стари патишта, 44 разни мостови и прокопување на 54 бразди и канали . . .*[411].

---

[407] Виолета Ачкоска, Исселувањето на Турците од НР Македонија по Втората светска војна (1945 – 1960), Историја, бр. 1- 2, Скопје, 2002, 89 – 102.

[408] Нова Македонија, Скопје, Околиската фронтовска организација од Тетово го натфрли својот минатогодишен план со 141 од сто, бр.1254, 18. 01. 1949, 2; Шар, Тетово, Работата на пругата Скопје – Тетово – Гостивар през 1948 и работите кои отпочнаја во 1949 година, бр. 29, 17. 02. 1949, 1. Истото, бр. 31, Со се поголеми доброволни работни акции, населението од Тетовската околија ги дочекува изборите на Нар. фронт, 08. 03. 1949, 3; Истото, бр. 31, Младината од градот и селото се припрема за нови работни акции, 08. 09. 1949, 4; Истото, 34, Преку добрата работа се јакне младинската организација во Тетово, 07. 04. 1949, 1; Истото, И членовите на синдикалните подружници треба да земат масовно учество во локалните акции што ги спроведува Градскиот народен фронт во Тетово, 1; Истото, бр. 35, Масовно одзивање на членовите на народниот фронт во земањето на поединечни обврски, 14. 04. 1949, 1; Истото, бр. 37, Масовна доброволна акција, организирана во чест на меѓународниот празник на трудбениците – Први мај, 01. 05. 1949, 3; Истото, бр. 37, Тракторската станица во Тетово води оштра борба за планот и за постигнување добри резултати во претконгресното натпреварување во чест на конгресот на С.С. Македонија, 4; Истото, бр. 39, Масовните организации во Тетово на локалните акции низ градот, 02. 06. 1949, 1; Истото, бр.40, Околискиот одбор на АФЖ од Тетовска околија им закажува натпреварување на сите околиски одбори на АФЖ во НРМ, 16. 06. 1949, 3.

[409] Шар, Тетово, Претстоечките работи на фронтовската организација во Тетово, бр. 33, 31. 03. 1949, 1.

[410] Лазар Лазаров, Општествено – политичките . . . цит. дело, 65, 68, 77, 97, 132; Шар, Тетово, бр. 31, Со се поголеми доброволни работни акции, населението од Тетовската околија ги дочекува изборите на Нар. фронт, 08. 03. 1949, 3; Истото, бр. 44, Во просториите на текстилната фабрика се одржа голем митинг, 14. 07. 1949, 3.

[411] Нова Македонија, Скопје, Околиската фронтовска . . . цит. статија, 2.

За поттикнување на доброволците, властите организирале натпреварувања меѓу работните бригади, задруги и слично а за најуспешните следеле парични награди и преоден пехар[412], а се наградувале и најдобите работници – *ударници*[413]. Освен работните акции на локално ниво, населението масовно учествувало и сојузните работни акции, каде се работело на големи државни проекти во изградба на автопатишта, железници, брани за вештачки акумулации, изградба на Нов Белград и т.н [414]. Во сите градови, државата организирала првомајски паради и други манифестации на трудот, кои имале пропаганден карактер[415].

Почнувајќи од март 1950 година, во Тетово, секој месец во различен број, пристигале Македонци од егејскиот дел на Македонија, жртви на Граѓанската војна во Грција и насилното протерување и геноцидот извршен од страна на националистичките и профашистички сили на Грција[416]. Во тие години, повинувајќи се на генералната политика на ЦК КПЈ, и покрај големиот прогон и геноцид врз Македонците во егејскиот дел на Македонија од страна на грчките анархисти, во НР Македонија не се организирале никакви протести во врска со овие состојби, а оние кои тоа го правеле биле прогласувани за народни непријатели на НР Македонија и ФНР Југославија и непријатели на социјалистичкиот поредок. Затоа пак, се организирале протести за состојбите на Словенците во австрискиот дел на Корушка. Така било и во Тетово[417].

Во овој период, во Тетово се случил и еден бран на трајно враќање на тетовски печалбари, особено од САД и Египет. Нивниот број вкупно не преминал над 200 луѓе[418], како и околу 20 семејства на Тетовчани кои во 1941 година, принудно се исселиле во Скопје и тетовските села кои биле под бугарска окупација[419].

---

[412] Шар, Тетово, бр.55, 06. 10. 1948, 3; Истото, Спроведувајќи ги одлуките од пленарното заседание на Н. Ф. На Југославија и прифатеното предконгресно натпреварување закажано од страна на фронт. организација од Гостиварска околија Фронт. организација од Тетовска околија секидневно постигнува се подобри резултати, 31. 03. 1949, 1; Истото, На околиското градежно претпријатие Љуботен во Тетово, како најдобра колектив во Македонија од локално значење, му се додели преодно знаме и награда од 70. 000 динари, 12. 05. 1949, 3; Истото, Градската тулана при град. Производствено претприојтие Прогрес во Тетово го освои преодното знаме и доби награда како најдобра тулана во Н.Р. Македонија, 3.

[413] Шар, Тетово, бр. 26, До 1951 година и натака ќе бидам ударник, 27. 01. 1949, 1; Истото, бр. 40, Во МТС во Тетово по втор пат се прогласија за ударници, 16. 06. 1949, 4.

[414] Шар, Тетово, бр. 38, Младината од нашиов град зема активно учество во пријавувањето за сојузните акции, 12. 05. 1949, 4.

[415] Шар, Тетово, бр. 38, Свечена прослава на Први мај во Тетово, 12. 05. 1949, 1.

[416] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16, 27 – 31/ 45 – 56.

[417] Шар, Тетово, бр. 38, Свечена прослава на Први мај во Тетово, 12. 05. 1949, 2.*На 4, 5 и 6 овој месец во Тетово во сите работни колективи и сите блокови се одржаа протестни митинзи по повод на донесувањето на неправедните решенија на советот на министрите за надворешни работи на Четирите сили за Словенечка Корушка и нашите граници према Австрија . . . и му овозможи на братскиот словенечки народ од таа територија да се приклучи кон својата матица Федеративна Народна Република Југославија.*

[418] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16, 176 / 793 – 808.

[419] Драго Симовски . . . цит. извор, 21. 05. 2007.

1.6 МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ПРОЈАВИ ДО 1944 ГОДИНА

Македонската интелигенција имала тежок пат за самоосознавање, кое се формирало преку прифаќањето, во прва фаза на туѓата национална свест во соседните ослободени држави, пред се во Грција, Бугарија и Србијакаде што се школувале а потоа и преку пропагандните дејности на истите држави во Османлиското Царство каде што живееле и работеле. Преку тој трнлив пат на агресивни големодржавни идеологии, на соседните држави чии проекции ја зафаќале целокупната територија на етничка Македонија, морале да поминат речиси сите наши преродбеници и револуционери, односно, преку осознавањето на туѓите идентитети и култури, да се надвишат над сето тоа и пред се себеси и храбро да појдат по патот на својата лична слобода и слободата на својот народ.

Во шеесеттите и седумдесеттите години од 19. век во Македонија навлегле пропагандите на многу амбициозните нови балкански држави Србија, Бугарија и Грција, кои го подготвувале теренот за нови територијални проширувања на сметка на Османлиското царство, односно на територијата на Македонија. Нивните пропагандни дејствија, особено се засилиле по источната криза и Берлинскиот договор, со кој османлиската империја се обврзувала на автономија на Македонија.

Во Тетово дејствувале српската и бугарската пропаганда кои настапувале организирано и систематски применувајќи повеќе методи и инструменти за однародувањето на Македонците во Бугари и Срби[420]. Грчката пропаганда никогаш не успеала да создаде свои корени во овој крај[421], иако долги децении Тетово било под јурисдикција на грчкиот владика во Скопје. Бугарија и Србија вложувале поголеми парични средства, со кои меѓу другото се натпреварувале која пропаганда ќе отвори повеќе училишта. Српската пропаганда прва настапила на овој терен со дејноста на учителот Стојко Аќимовиќ во 60 тите години. Српските учебници и друга литература доаѓале во Тетово преку некои тетовски печалбари уште од триесеттите години а редовно од шеесеттите[422]. Така познато е дека во Тетово тоа го правел Вељко Крстиќ од селото Сиричино, Тетовско[423].

Бугарската црковно училишна пропаганда започнува од 1873 година, кога за првпат, тетовчаните добиле ветувања за парична помош за изгорената црква Св.Никола во градот[424].

[420] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и тетовско 1860 - 1903, Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1996.
[421] Ристо Кантарциев, Македонското преродбенско училиште, Студентски збор, Скопје, 1985, 45.
[422] Јован Х. Васиљевиќ, Просветне . . . цит дело, 152.
[423] Истото, 161.
[424] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската . . . цит. дело, 16.

Главен носител на бугарската пропаганда во Тетово, во тие години бил Андреа Стојанов, учител во Тетово, кој бил родум од бугарскиот град Русе[425].

Во учебната 1901/2 година во Тетово и Тетовско под контрола на српската пропаганда биле 10 а под бугарската 12 училишта. За зајакнувањето на пропагандите во Тетово заслужни биле учителите кои доаѓале од Србија[426]

Ваквото силно влијание преку училиштата и црквите оставиле крајно негативни последици врз развојот на македонската национална мисла во овој крај. Народот го губел своето единство и наместо да се насочи во правецот по кој започнал да се афирмира, тоа добило сосема нови несакани правци, а македонската национална мисла се пробивала низ многу потежок пат.

Обичниот македонски човек, бил подложен на разнебитување. Во Македонија покрај српската и бугарската делувале и грчката, романската и други пропаганди. Периодот кој требало со голем интензитет да ги зајакне процесите на национално будење бил најтешкиот, земајќи ги предвид речиси неподносливите економско-политички услови во кои се нашол македонскиот народ.

Во Тетово, отпрвин пропагандите настапувале посуптилно, но со текот на времето тие добивале во својот интензитет и жестина. Ненасетувајќи ги последиците,најпрвин, Македонците од овој крај, отворањето на српските и бугарските училишта го сваќале како значајна помош од блиските народи, но набрзо се уверile во спротивното. Токму затоа, најпрвин започнал да се јавува тивок и неорганизиран отпор, но со текот на времето истиот станувал се поочигледен и во деведесеттите години прераснал во оргнизиран[427].

Борбата за сочувување на верата во крајно тешки политичко-економски околности, долгата изолираност од европските текови се состојби кои биле погодни за продор на туѓите национални пропаганди на блиските балкански народи и во Тетово. Тие издвојувале значителни средства за пропаганда, не само меѓу македонското население, туку и пред големите сили каде ангажирале значителни материјални и интелектуални капацитети за докажување на наводната припадност на македонското население кон еден или друг народ. При тоа, повикувајќи се на традициите на средновековна Бугарија, Србија и Византија (Грција), кои владееле со овие простори.

---

[425] Истото.

[426] Јован Хаџи Васиљевиќ, Просветне и . . . цит дело, 424; Л.Серафимовь, Тетовско и дѣйцитъ по вѫзражданието му, Пловдивь, 1900, 89 – 92.

[427] Истото; Бранислав Светозаревиќ Покорни, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 – 1905, ДАРМ, 2003.

За време на Источната криза (1875 - 1878), на Балканот се случуваат мошне значајни процеси кои битно ќе го променат понатамошниот тек на историјата. Се случуваат војни и востанија од кои произлегуваат нови независни држави или автономни кнежевства. Македонците, учествуваат активно во востанијата на Балканот [428], како и во руско- турските војни. Македонските доброволци во овие востанија и војни ги користат своите народносни симболи како што се знамињата со лавот како и името Македонија и Македонци[429]. Во 1878 година за време на Кресненското востание, кое востаниците во своите документи го нарекле "Македонско востание", учествувале и тетовчани од кои еден од нив Коста Николов бил војвода на шестата чета. Во истата чета биле и тетовските печалбари Серафим Несторов, Марко Несторов, Димитрија Марков и др[430].

По создавањето на бугарската држава и одржувањето на Берлинскиот конгрес во 1878 година, кога големите сили барале автономен статус на Македонија во рамките на Османлиската империја, меѓу Македонците се повеќе се шири идеата за реализирање на оваа одлука, односно се интензивира процесот на борбата за посебна македонска држава а во тие рамки и посебна македонска православна црква преку обновувањето на Охридската архиепископија.

Една од првите позначајни национални манифестации на тетовчани се случила на 04. 12. 1890 година кога, како што стои во изворите, е направен величенствен и масовен пречек "*како да е некој султан*"[431], на скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов, голем борец за обновувањето на Охридската архиепикопија[432], во склоп на посебна македонска држава, и покрај тоа што српската и бугарската пропаганда во Тетово, напаравиле се за да се бојкотира и да му се затворат портите на тетовската црква. На таков начин тетовчани ја покажале својата приврзаност кон идеите на еден од најзначајните борци на македонската кауза во овој период. Никогаш повеќе тетовчаните нема да манифестираат таква подршка на некој владика особено на српската и бугарската црква кои доаѓале во посета на овој град[433].

---

[428] Манол Пандевски, Учество на Македонците во вооружените ослободителни борби на бугарскиот народ во 60 – те и 70 – те години на 19. век, Гласник, ИНИ, Скопје, 1971, бр. 1, 35, 40; Манол Пандевски,Македонското ослободително дело в о XIX и XX век, том петти, Мисла, Скопје, 1987, 33 – 112.

[429] Блаже Ристовски, цит. дело, 49 - 51; Александар Матковски, Македонскиот полк во Украина, Мисла, Скопје, 1985.

[430] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 – 1905, ДАРМ, Скопје, 2003, 13 -14.

[431] Истото, 37 – 39.

[432] Славко Димевски, Митрополитот Скопски Теодосиј – живот и дејност (1846 – 1926), Култура, Скопје, 1973.

[433] После овој настан Теодосиј Гологанов се упатил во Лешочкиот манастир каде што останал со намера да преноќи. Во манастирот го пречекал игумаенот Хаци Езекил, кој според досегашните сознанија може да се каже дека бил приврзеник на идеите на Теодосиј Гологанов. Како доказ за неговите македонски

Откако, бугарскиот егзарх Јосиф решил да го смени владиката Теодосиј поради возобновувањето на македонската црква во името на Охридската архиепископија, Теодосиј испратил едно писмо од 02. 01. 1892 год. до тетовскиот архиерејски намесник во кое бара да не се почитуваат наредбите на егзархот *бидејќи тоа е против правилата на нашата црква во Македонија*[434].

Подршката на тетовчани кон македонската националната дејност на Теодосиј Гологанов се покажала и по неговото сменување, кога во градот се организирани протести по тој настан, за што пишувало и во цариградскиот весник *Сабах*[435].

Во оваа книга авторот П. Ритих посветува еден забележителен простор за дејноста и судбината на игуменот Хаци Езекил[436]. Меѓу другото, за овој македонски игумен Ритих запишал дека Хаци Езекил, долги години бил на чело на манастирот и: " *Тој се сметал за чистокрвен Македонец и не се признавал ни како Бугарин ни како Србин. Целото негово семејство полно со такви, како и тој селани, кои на своето национално потекло гледале со очите на својот игумен.* Свесни за централната улога на Лешочкиот манастир во Долни Полог, пропагандите ги употребиле сите усилби да го придобијат игуменот, но, *Ни совети, ни поголеми парични понуди, ни застрашувања не помогнале. Отец Езекил останувал неумолив, се откажал од какви да е преговори и гласно ги разобличил агитаторите.* После сите овие обиди бугарската пропаганда се одлучила физички да го ликвидира. Откако тоа го сториле, Бугарите, *го погребале со свеченост и му поставиле великолепен гроб, со соодветен бугарски натпис по неговата смрт . . .*[437].

Најорганизираниот отпор кон пропагандите и борбата за македонска државност се изразил преку формирањето на Македонската револуционерна организација во овој крај во есента 1895 година[438]. Организацијата во Тетово и Тетовско, која е формирана по директива на Гоце Делчев, во следните 10 години развила силна мрежа на членство со поголем број активности[439] од кои се издвојуваат три најзначајни: производство на тетовските пушки Мартинки и нивната дистрибуција до четите низ Македонија, испраќање на доброволци

определби е книгата на рускиот публицист Петар Ритих, автор на книгата *По Балканот* која тој ја издал во Санкт Петрбург во 1909 година.

[434] Славко Димевски, Еден значаен документ за активноста на Теодосиј Гологанов, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1965, 181.

[435] Славко Димески, Историја на Македонската православна црква, Македонска книга, Скопје, 1989, 660.

[436] П. А. Риттихъ, ПоБалканамь, путевыя впечатьния военнаготуриста, ЧастII, ПоМакедониильтомь, 1901 г., С. Петербургъ 1909.

[437] Истото. Преводот е превземен од книгата на: Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 98.

[438] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и тетовско во илинденскиот . . . цит. дело.

[439] Бранислав Светозаревиќ, Македонската револуционерна организација во Тетово и Тетовско (1895 – 1908); Истиот автор, Биографски именик на членови и борци на организацијата, Млади сили, Тетово, 2008.

комити во реоните каде се одвивало Илинденското востание и формирање на комитски чети во тетовскиот крај по завршувањето на востанието за заштита од зулумите на турската војска и башибозукот. Со тоа придонесот на Тетово и Тетовско во Илинденското востание бил мошне значаен како од аспект на вооружувањето кое го покирало западниот и централниот дел на Македонија, така и од аспект на човечки борбен потенцијал со учеството на борци од Тетово и тетовско речиси во сите делови на Македонија каде што се одвивале борбени дејствија со не мал број на жртви.

До 1908 година уште многу Македонци од овој крај ги дале своите животи за слободата на својот народ[440].

Во периодот на Илинденското востание, македонската интелектуална емиграција во Русија интензивно работела на афирмирањето на македонското национално прашање во руската научна јавност, преку активностите на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петрбург на чело со Димитрија Чупоски, Крсте Мисирков и плејада на истакнати македонски национални дејци. Меѓу нив бил и Александар Џолоски, кого Мисирков, во еден свој напис го нарекува *виден македонски деец*[441]. Џолоски бил роден во Тетово 1881 година и еден од првите македонски ориенталисти, кој дипломирал на С. Петербуршкиот универзитет на студиите на Арапско-турско-персиски-татарски оддел. Тој во 1903 година бил еден од членовите-потписници на Уставот на Македонското научно-литературно другарство[442].

Во годините пред поделбата на Македонија од новите поробители, како и за време на катастрофалната поделба извршена од трите соседни држави Грција, Бугарија и Србија, Македонците поминуваат низ најтешкиот период во својата историја. Во текот на двете Балкански војни и Првата светска војна (1912 - 1918), Македонија станала бојно поле на кое немилосрдно се уништува се што е Македонско. Земјата е разорена а Македонците давале илјадници жртви принудени да се борат под знамињата на туѓите држави. Во првиот попис во склоп на Кралството Србија, многу Македонци се изјаснувале дека се *Македонци* и дека зборуваат на *македонски јазик*, но попишувачите, терминот *Македонец* го пречкртувале и запишувале *Србин*, а на местото *Македонски јазик*, внесувале *српски јазик*[443].

Во такви невозможни услови, македонските национални интереси ги брани македонската емиграција и тоа претежно онаа која се наоѓа подалеку од балканските простори како на пример во Америка, Швајцарија и Русија.

---

[440] Бранислав Светозаревиќ, Македонската револуционерна организација во Тетово и Тетовско (1895 - 1908), Биографски именик на членови и борци на Организацијата, НВО Млади Сили, Тетово, 2008 год.
[441] Блаже Ристоски, Портрети и процеси, книга 2, Култура, Скопје, 1989, 266 - 267.
[442] Истото.
[443] Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914, ИНИ, Скопје, 1979, 12.

Тетовчанецот Петар Здравев, како еден од најдобрите македонски студенти во Швајцарија, уште во 1915 година заедно со група македонски студенти во Женева го формирале *Академското друштво Македонија*, а истата година *Политичко друштво за независност на Македонија*. И во другите универзитетски градови во Швајцарија, како што се, Цирих. Лозана и др., се формирале студентски здруженија. Женевското друштво со еден апел ги повикало сите здруженија да создадат една цврста јатка за единствена и независна Македонија, *која не им припаѓа ни на Бугари, ни на Грци ни на Срби а на самите Македонци*[444].

Македонските студентски друштва во Швајцарија биле меѓу најбројните и најорганизирани македонски друштва. Директниот повод за нивното формирање е крајот на Првата светска војна и претстојната мировна конференција, на која се очекувало поправедно решение на македонското национално и државно прашање. Главен иницијатор на овие друштва е д-р. Атанас Коцарев од Охрид, кој на почетокот превзел неколку иницијативи за организирање на Македонските студенти во Швајцарија и нивно успешно застапување пред големите сили за создавање на независна Македонија во идната Балканска конфедерација. Во првата негова иницијатива за собирање на членови на собранието го придобил и Александар Богојевиќ, студент по медицина од Тетово, со српско потекло од Призрен[445]. За ова разбрал и тамошниот српски конзул кој превзел мерки и го принудил да се откаже од понатамошното негово учество во комитетот[446]. Меѓу 11-те потписници на основачкиот акт на трите македонски студентски друштва од 11. 12. 1918 година двајца биле од Тетово и тоа д-р. Петар Здравев, асистент на универзитетот во Женева и Крсте Лешко, студент на економски факултет[447]. Овие двајца тетовски интелектуалци се членови на Главниот одбор на македонските друштва и потписници на најважните документи, протоколи и меморандумот за признавање на македонска држава до најголемите светски сили и Париската мировна конференција и т.н[448].

Генералниот совет на македонската емиграција во јуни 1919 година упатило барање до Мировната конференција во Париз апел за правото на самоопределување и независност, во кој меѓу другото се вели: *Ние Македонците, бараме ова неприкосновено право да се почитува кога ќе стане збор за Македонија. Македонскиот народ ги има неопходните и потребните способности за да се самоуправува, бидејќи тој не е аморфна маса ниту несвесна заедница како што многумина заинтересирани писатели сакаат да не уверат во тоа*[449].

---

[444] Љубен Лапе, Активноста на Главниот одбор на Македонските друштва во Швајцарија 1918 – 1919 г. и документацијата за тоа.
[445] Љубен Лапе, Македонија во VIII, XIX и XX век, Култура, Скопје, 1992, 658 - 661.
[446] Истото.
[447] Истото, 145.
[448] Истото, 144 – 191.
[449] Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 2008, 223.

Во составот на Кралството СХС, Македонците и покрај сите напори и жртви, не успеале да ги остварат своите национални права. На Македонците им било забрането да ги изразуваат своите етнички посебности. Србизирањето на Македонците, државата го спроведувала преку црквата и образовните институции. Така во Тетово постоеле неколку основни училишта и две средни, исклучиво на српски јазик, а во 1922 година во Скопје е формиран Филозофски факултет.

На парламентарните избори во 1920 година, во услови на терор и закани од страна на режимот тетовскиот огранок на СРПЈ (к), однел голема победа, меѓу другото и поради пропагирањето на националното изразување. На еден од предизборните митинзи, тогашниот партиски претседател Владимир Петровски истакнал дека *реакционерите ќе видат дека македонскиот народ е навистина жив, силен и готов за својата идеа да умре*[450]. Весникот Социјалистичка зора, кој во Тетово бил читан масовно, отворено пишувал за *економското, политичкото и националното будење на Македонците*[451], и објаснувајќи зошто Македонците гласале за СРПЈ (к), меѓу другото ја посочува најважната причина дека *македонскиот народ е сит од шовинистичкиот бес и дека им го сврте грбот на сите свои неповикани водачи,* за кои гласале само *бугарофилите, србофилите, туркофилите* и т.н[452].

Во периодот меѓу двете светски војни, властите на Кралството СХС, подоцна Југославија, забранувале секаков вид на изразување на македонските етнички особености и традиции, односно употреба на јазик, песни, јубилеи, обичаи. Секоја таква појава е оквалификувана како *бугарашка* со што се зголемувал ефектот на антисрпството.

Еден од тетовските интелектуалци кој се обидувал да ги негува и штити македонските традиции и идентитет бил Симо Момировски (1885 – 1951)[453]. Во 1923 година, како претседател на читалната и хорот *Тетовска Матица*, бил организатор на прославувањето на 20 годишнината од *Илинденското востание*[454]. Како адвокат, во 1925 година ги одбранил група тетовчани кои биле обвинети за *пеење на бугарски, антисрпски песни* на црковниот празник Св. Атанасиј на тетовското кале, од страна на тетовското обвинителство и докажал дека тие

---

[450] Орде Иваноски, Создавањето и дејноста . . . цит. дело, 104;Историски архив, на комунистичката партија на Македонија, том први, одбарани материјали од *Социјалистичка зора* (С.З., бр. 116, 12. 11. 1920) за 1920, Култура, Скопје, 1951, 220 - 221.

[451] Историски архив . . . цит. дело, 50.

[452] Истото, 159 – 160.

[453] Владимир Кочоски, Лични и семејни библиотеки во Тетово и Тетовско, (19. и 20. век), НУБ, Кочо Рацин, Тетово, 2009, 53 – 55.Симо Момировски, по професија бил правник. За време на Првата светска војна бил директор на тетовската прогимназија, а во времето на Кралството СХС/Југославија бил адвокат. Течно зборувал неколку јазици. Поседувал мошне богата библиотека. Како угледен граѓанин бил вклучен во повеќе културни и спортски здруженија и клубови. Бил претседател на читалната *Матица*, претседател на ФК *Љуботен* и т.н.

[454] ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија Тетово, пов. бр. 5, 25. 08. 1923 г.), АК. 38.

песни биле македонски а не бугарски и дека во Тетово се пееле од многу одамна[455]. Симо Момировски во Тетово се паметел и по неговото изјаснување на пописот на италијанските власти во 1942 година во Тетово. Имено во графите за национална припадност на пописните листи фигурирале Албанец, Србин и Бугарин. Симо Момировски инсистирал да се заведе како *македонски словен*, убедувајќи ги попишувачите дека македонските словени се различни од Бугарите и Србите[456].

Тетовските студенти во Кралството Југославија, студирале на универзитетите во Белград и Загреб. Тие заедно со своите македонски колеги се организирале во посебни здруженија во кои ги негувале своите национални особености: јазикот, песната, културата и политички се организирале. Поради признавањето на народите за свое самоопределување, многу Македонци се нашле и во редовите на Комунистичката партија на Југославија. Тетовчаните членувале во македонските друштва, како што е друштвото *Вардар* во Белград[457]. Посебно масовна подршка, македонските студенти дале на политичкото студентско движење МАНАПО, Македонско народно движење, кои самите го формирале со заедничка работа на повеќе слични македонски студентски друштва. На третиот состанок, одржан во Охрид во август 1936 година, донесени се најзначајните одлуки за основните насоки на работата на МАНАПО, меѓу кои најважни се: 1.) Разбудување на националната свест кај македонскиот народ и афирмација на родниот јазик; 2.) Борба за ликвидирање на монархофашистичката диктатура и великосрпската хегемонија, за федеративно и демократско уредување на Југославија во која Македонија ќе биде рамноправна единка во неа; 3.) Соработка со сите политички движења во Југославија кои му го признаваат на македонскиот народ правото на слободен живот и т.н.[458] на овој значаен состанок присуствувал како делегат и Светозар Јовановски од Тетово[459].

Во периодот меѓу двете светски војни, во литературата се појавуваат прозни и поетски дела напишани на македонски народен јазик. Во жанрот на битовите драми, познати се и две објавени дела на македонски народен јазик, односно на тетовскиот дијалект од тетовски автори: *Да се не заборави* од Јован Ќириќ во 1925 година[460] и *Општински удар* од Боро

---

[455] ДАРМ, одд. Тетово, Ф. Бр. 225, Тетовски првостепен суд (1919 – 1940), несреден, АК – 15, ар. Бр. 846 – 851.
[456] Драго Симовски Драгулинка (1920 – 2010), пензионер од Тетово.
[457] ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978, 33 - 34. Круме Наумовски во врска со тоа се сеќавања: *Тоа, Комунистичата партија ја правеше привлечна бидејќи таа беше единствена од сите партии кои постоеја во Југославија, овозможувала на Македонците да ги добијат своите права. Јас се осеќав како Македонец а отидов во Белград. Таму бев прифатен од другарите Македонци. Ние имавме Македонско друштво „Вардар". Оттаму после почнува ова. Значи тоа чувство постоело како Македонци, и ние тоа сме го истакнувале.*
[458] Лазар Соколов, Прилог за Македонското студентско движење во Загреб, Историја, бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 17 – 18.
[459] Истото, 17.
[460] Јован Ћирић - Тетовац, Да се не заборави,Библиотека Маћедонија, Скопље, 1925.

Јосифовски во 1938 година[461]. Обиди за поезија на македонски јазик, среќаваме кај Виктор Аќимовиќ, кој прави први обиди за социјална поезија, напишана на тетовски говор со песната *Реч на гурбетчија што работа за Форда* уште во 1937 година во новосадското списание *Наш Живот*[462], две години предобјавувањето на стихозбирката *Бели Мугри* на Кочо Рацин. Во тетовските хорови, се повеќе на настапите се пееле македонски песни, особено во хорот *Кирил Пејчиновиќ*[463]. Покрај хоровите, членовите на КП, биле инфилтрирани во спортските клубови и Читалницата на тетовската младина[464], а творби *со национално-македонски тон* провејувале и во некои манифестации на гимназискиот литературен кружок *Јован Скерлиќ*[465].

Врвниот израз на македонската посебност меѓу тетовчаните, секако е делото на Виктор Аќимовиќ[466], еден од поистакнатите македонски новинари. Во декември 1939 година излезе од

---

[461] БороЈосифовиќ, Општински удар,Јадран, Тетово, 1938.

[462] "Наш живот", II, 13, Нови Сад, 01. 12. 1937, 8; Блаже Ристоски, Македонски стих 1903 - 1941, Мисла, Скопје, 1980, 177; ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија - Тетово), АК. 38.кн. 1.

[463] ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978, 35.

[464] Истото, 39 – 42.

[465] Живко Стефановски, Миле Арсениевски, Од револуционерното минато на Тетово, Работнички универзитет - Тетово, Тетово, 1970, 17 - 18.

[466] Бранислав Светозаревиќ, Историските и архивистички аспекти на архивскиот фонд Виктор Аќимовиќ, магистерски труд, Филозовски факултет на Универзитетот *Кирил и Методиј, Скопје, 2007.* Виктор Аќимовиќ (1915 – 1987), припаѓа на генерацијата македонски дејци, кои работеле и се бореле за македонската кауза во периодот меѓу двете светски војни. Растел во семејство каде што имал можност да чита многу книги, да се запознае со фотографските вештини и со повеќе спортови. Познавал неколку јазици. По завршувањето на полугимназија во Тетово се запишал во земјоделското училиште во Крижевци (Хрватска). Од таму е протеран како член на група ученици кои ширеле комунистички идеи. Во 1934 година, заедно со Боро Атко, во Тетово на свои 19 години го издава весникот Тетовске новине, во кој ги застапува интересите на социјално најзагрозените слоеви и секој негов број бил забрануван се до десеттитот, кога конечно овој весник е забранет за издавање. Во следните години бил дописник на весниците *Глас Пологa* и *Вардар*. Како службеник во тетовската Тутунска станица организира штрајкови, организира изложби и промоции на напредните интелектуалци и уметници од Македонија, како што се, Методија Лепавцев, Кочо Рацин, Антон Панов и др. Во 1939 година го издава првиот и единствен број на весникот *Јужна Стварност* со кој јавно проговори во јавноста за постоењето на македонскиот народ, а со статијата *Отворено Писмо* до академикот Никола Вулиќ директно се спротивставил на една режимска политика која имала за цел да наметне со сила српска национална свест меѓу Македонците. Поради објавениот весник, Виктор Аќимовиќ е затворен. Во затвор е до почетокот на Втората светска војна, кога се приклучува кон антифашистикото движење. За време на војната осуден е на 2 години затвор во отсуство од италијанските фашистички власти, за растурање н а револуционерни весници. Во војната работи како известувач на советската известителна служба НКВД за секторите Македонија, Албанија и Грција, се до летото 1944 година кога се приклучил, како еден од фоторепортерите на ГШ на Македонската армија. Таму паѓа во немилост од тогашниот висок воен старешина на армијата Боро Чушкар и во последен момент, пред неговото стрелање, се спасил од сигурна смрт. По ослободувањето, како новинар на *Нова Македонија*, му било забрането да работи, а подоцна истата забрана му била ставена и за другите југословенски весници од Белград, Загреб и Љубљана за кои бил дописник. Како новинар во периодот од 1945 – 1948 година, автор е на бројни статии во кои се афирмира македонскиот народ, неговата историја и култура на некогашните југословенски простори. За време на Инфорбирото бил затворен од комунистичкиот режим со казна од 4 години во затворот Идризово. Поради неговата дејност, страда и неговото семејство. По излегувањето од затвор професионално се занимава со фотографија и филм, каде што постигнува врвни резултати во уметничкјата фотографија и аматерскиот филм на меѓународно ниво. Добитник е на преку 100 признанија од кои се издвојуваат бронзената плакета филмскиот фестивал во Луксембург и сребрената плакета на Канскиот фестивал. Во 80-тите години во јавноста се појавува како остар критичар не само

печат неговиот весник *Јужна Стварност* со кој јавно се спротивставил на негирањето на македонскиот народ од страна на тогашниот југословенски режим. Во весникот во кој има повеќе статии за положбата на македонското народ, посебно се издвојува статијата под наслов *Отворено писмо,* во која, Аќимовиќ остро се спротивставува на негаторските и националистички ставови на претседател на српската академија Никола Вулиќ кон постоењето на македонскиот народ. На тврдењето на академикот дека: *со името "Македонци" сака да се истакне дека жителите на Јужна Србија се некој посебен народ* и *името "Македонија" за Јужна Србија треба сосема да се исфрли од употреба. Тоа треба и званично да се укине. Тоа внесува само забуна и во овие тешки прилики може на српството и на Југославија да им нанесе значителна штета*[467], Виктор Аќимовиќ му одговорил со следните зборови: *Зарем Вие, господине Вулиќ, навистина не знаете дека постоела и дека постои Македонија и дека не постои име Јужна Србија, туку дека постои Македонија јужно од Србија.* И понатаму: *Никој не може да го оспори името на Македонија како што не може да се оспори името на индивидуалност на српскиот, словенечкиот, хрватскиот и другите народи на Југославија, а за тоа самиот македонски народ добро знае и така и се чувствува . . . според тоа г. Вулиќ, Македонија постои, а постои затоа што (што мислите) постои и македонски народ . . .*[468]

Откако во Тетово, било формирано поверенството на ПК за Македонија во 1939 година и истото прераснало во Месен комитет во 1940 година, летоците кои ги растурале низ народот биле напишани на македонски народен јазик[469].

Со започнувањето на Народно-ослободителната војна во Македонија во 1941 година, всушност се заокружила целокупната борба за национална слобода на македонскиот народ, која ја воделе повеќе генерации на револуционери и преродбеници пред тоа. Иако, Комунистичката партија, меѓу борците идеолошки дејствувала пред се дека востанието е класно и го пропагирала интернационализмот[470], сепак, фактот дека македонскиот народ не ги остварил своите национални идеали за сопствена држава, борбата за национална и слободна македонска држава се наметнувала како императив на македонските борци. Покрај учеството во НОВ, активностите на тетовската партиска организација за време на Втората светска војна во Тетово, биле поврзани и со пропагандни дејствија поврзани со македонскиот национален идентитет и континуитетот на борбата за национална слобода. Тетовската организација била активно вклучена во издавањето на македонските илегални весници на македонски јазик.

во својот професинален домен туку и како критичар и демистификатор на т.н. забранети теми во некогашната СФРЈ.

[467] Иван Катарциев, Борба до победа, книга 4, Мисла, Скопје, 1983, 541.

[468] В. Аћимовић, Отворено писмо Господину Николи Вулићу, академику, Београд, Јужна Стварност, Тетово, бр. 1, децембар 1939, 1.

[469] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки од состанокот со учесниците во НОБ во Тетово, 5 и 6. 12 1955, Тетово, 39 – 40.

[470] ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, сеќавање на Благоја Буневски Мабус, 52.

Активистите во 1942 година, меѓу другото во народот делел и значки и слики со ликот на Гоце Делчев[471]. За време на пописот кој го организирале окупациските власти во Тетово во 1942 година, месниот тетовски комитет агитирал, луѓето да не се изјаснуваат по постоечките графи на пописните листови на кои фигурирале само Албанци Срби и Бугари или да се изјаснуваат како Македонци[472]. Она што можеби е највпечатливо кај Македонците од Тетово е мошне широката подршка на македонското народно ослободително движење и изолираноста на малите групи пробугарски и просрпски елементи во градот, за кои Ѓоце Стојчески уште во 1941 година агитирал меѓу луѓето дека и едните и другите се големо зло за партијата и дека *на овој народ не им се потребни ниту едните ниту другите*[473].

Отпорот на Македонците од Тетово, кон предвоената Југославија се одразил и во називот на Комунистичката партија на Југославија. Тоа била една од причините за покажаната резервираност на движењето во Македонија до 1943 година,се додека не е формирана КПМ. Според мислењето на инструкторот на ЦК КПЈ, Добривоје Радосављевиќ: *Употребата на* **Ј** *оневозможува огромна маса на поштени Македонци, кои се против Германците и против Бугарите, да се приклучат кон народноослободителното движење. Еден пример од Македонија под Италија и Албанија најарно го илустрира горното тврдење. Обласниот комитет во Тетово успеа да започне со поштените Македонци и Албанци за заедничка борба против италијанскиот окупатор и нивните албански слуги, а по потпишувањето на прогласот со ОК КПЈ и едните и другите, а и масите изразуваат отворена бојазност и зборуваат дека што има општо со Југославија, барајќи притоа прогласот да се потпише само со* ***Македонци***. Овој отпор кон името Југославија, толку силно се наметнал што во прогласот под наслов: *25 години Октомвриска револуција и македонскиот народ*, не бил потпишан со ПК КПЈ, туку со ПК КПМ, половина година пред одржувањето на првиот состанок во Тетово[474].

Неколку месеци пред ослободувањето на Тетово и Македонија во 1944 година, во народот се чувствувала скорешната слобода. Борците од Тетово јасно го изразувале стремежот на својот народ за долгоочекуваната слобода. За тоа сведочат две писма на двајца истакнати борци од Тетово, народниот херој, Ѓоце Стојчески Амбарче и партизанката Нада Антеска, сестра на прославениот борец Иљо Антески Смок, кои биле партизани во два различни одреди и кои пишувале до своите семејства. Од овие писма се гледа со каков жар, овие тетовски борци влегле во борбата за национална слобода на својот народ и татковина. Од писмата ги издвојуваме деловите кои се сочувани и посебно делови кои се однесуваат на нивните

[471] Истото, 76.
[472] Истото, 93, 107.
[473] ДАРМ, Одд Тетово, Ф. Реконструкција на НОД, Тетово (1977 – 1978), 1 – 2.
[474] Владо Ивановски, Ослободителната војна . . . цит дело, 90 – 91.

сознанија за антифашистичката борба во Европа, на Балканот и во Македонија, нивните мотиви за националната борба и нивната решителност, конечно Македонците да ја остварат својата полна национална слобода[475]. За националното ослободување Нада Антеска меѓу другото напишала: *Денеска имаме ние војска, војска која је страв и трепет не саде за џемовци али и за Германци. До пред извесно време не смееше да се знае и големо-србите ни забранија да се кажеме Македонци. . . . Формирана е нова влада во која е познатиот борец за Македонија Димитар Влахов. Со сре ова им се побркаја планојте на Дражиќевците да може да се врати стариот Југословенски режим кој сами го знаефте каков беше, исто така и на сите тије кој сакаја да не побугарча, денеска нашиот народ не може така лесно да се заведува од овја империјалисти ка понапре.* Ѓоце Стојчески очекувал дека Македонската војска заедно со нејзините сојузници ќе успее да ја оствари вековната желба на Македоците за слобода на целата етничка територија на Македонија: *Неје чудо Тетово и Гостивар па и цела Македонија да биде за еден месец слободна, а ја за Митровден да бидем дома. . .*

И ти тате сега виде, није Македонци имаме своја влада а и целата Македонија има да се соедини од Грчка и од Бугарија, таќе да ќе падна Костур, Лерин, Петрич, Горна Џумаја, за ова сме гаранција мије Македонската војска, другарот Тито, Русија, Америка и Енглеска и свите ратници од Југославија[476].

Со ослободувањето на Тетово на 19 Ноември 1944 година, ослободен е и последниот град во вардарскиот дел од Македонија.

[475] ДАРМ, Одд. Тетово, Материјали од НОБ, несреден, Писмо од Нада Антеска, 21.05.1944 год.
[476] Истото, Писмо од Ѓоце Стојчески Амбарче.

ГЛАВАII

ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ВЛАСТИИ ДРЖАВНИ УСТАНОВИ ВО ТЕТОВО

2.1 ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ВЛАСТ

Тетово во почетокот на векот, во склопот на Османлиската империја, бил центар на Тетовската каза, која била пак во состав на Призренскиот санџак и Скопскиот вилает[477]. Во составот на Тетовската каза[478] или околија се наоѓала уште една помала административна единица Гостиварската нахија[479]. На чело на Казата бил Кајмакам[480]. Најважен орган бил Административниот совет (*Идаре меџлис*), со кој раководел кајмакамот. Овој совет бил составен од два вида членови: членови по функција во чиј состав свои претставници имала и црковната општина и изборни членови, по двајца или тројца од конфесиите, најчесто побројни биле претставниците на муслиманите во градот.

Секоја каза имала по еден судија (кадија). Овој суд расправал и решавал спорови во основа на граѓанските закони, како и помалите граѓански спорови[481]. Од него биле одвоени споровите кои ги решавале верските институции во градот[482]. Во составот на Казите постоел општински оддел. Локалната општина се нарекувала *беледие*[483]. Беледието имало повеќе свои комисии, во кои, само по некои од нивните членови биле христијани, но никаде со раководна улога[484]. Ингеренциите на локалната власт биле пред се во областа на безбедноста и комуналните прашања. Градските стражари - *бехчии*, биле задолжени за редот и соработувале

---

[477] Драги Ѓорѓиев, Локалната управа во македонските градови во втората половина на 19 век, 60 години институт за историја, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Филозофски факултет, Скопје, 2010, 204.

[478] Skender Rizaj, Ustrojstvo turske carevine u 1911 godini Kosovski, Skadarski I Bitoljski vilajet, Zbornik Filozofskog fakulteta u Prištini IV, Priština 356 – 357. Според податоците од 1911 година судската власт во Тетово, Казата Калканделен е од втора категорија. казата има 4 служби: 1) кајмакам Сулејман Фехми Ефенди; 2) Наиб Мехмед ефенди; 3) претседател на просветниот суд Месуд Сеадедин-ефенди; 4) помоишник на јавниот обвинител Али Фајик Ефенди;

[479] Г. Петровъ, Материали, по изучването на Македония, София, 1896, 411.

[480] Драги Ѓорѓиев, Локалната управа . . . цит. дело, 205.

[481] Драго Симовски . . . цит, извор, 20. 03. 2000.Бунарот во центарот на градот се наоѓал околу 6 метри пред дуќанот на Форе Меноски Млекарот. Околу бунарот имало дрвени клупи слични на миндерлок и кружно наместени и покриени со кров. Карактеристично за тоа место е фактот што таму заседавале општинските луѓе – Беледие, кои ја вршеле улогата на делење на правда меѓу граѓанството, на пример за долгови, за нанесена штета, кражби, имотно правни спорови, за наводнување, меѓи и сл. Доколку нивната одлука не се испочитува, одредувале казни заради задоцнување од извршувањето на решението со удари со стап. Пресудите и испитувањето како и спогодбите се изведувале пред сведоци наречени Ќефили. Овој бунар постоел се до крајот на 19. век, а при поплочувањето на плоштадот, бунарот, доносно неговиот отвор се појавил.

[482] Драги Ѓорѓиев, Локалната управа . . . цит. дело, 206.

[483] Истото.

[484] Истото 206 – 207.

со полицијата - *заптиите*. Со *падарските реформи*, била предвидена мешовита полиција, која никогаш не профункционирала поради силниот отпор на локалните муслимански водачи. Во комуналната сфера, казата се грижела за одржувањето на хигиената и одржувањето на комлексниот систем на бразди и јазови за технолошка вода, кои поминувале речиси низ секој двор, одржување на градските чешми за питка вода. Потоа во градот имало и улични фенери за кои биле задолжени *фенерџиите*.

По 1912 година, за време на Балканските војни и Првата светска војна, во Тетово биле воспоставени новите локални и регионални власти. Градот прераснал во регионален центар и како таков бил седиште и на неколку државни управи кои ја покирале територијата на надлежноста на околиската власт. Така за време на Кралството, Србија, Царството Бугарија и Кралството СХС/ Југославија, биле формирани и егзистирале неколку управи. Геодетската управа[485], Шумска Управа[486], Земјоделски расадник и др. државни институции.

Тетово во 1921 година станал административен центар на округ со 117. 329 жители.Со градот управувало Градско поглаварство во чиј состав функционирале различни одделенија и служби: одделение за финансии, техничко одделение, судско одделение, општинска стража, одделение за снабдување на животни продукти, разни одбори, комисиии и сл. Поглаварството решавало голем број на прашања поврзани со животот на граѓаните и тоа за најразлични молби, дозволи, такси, кредити, одредување на висината на цените на основните животни продукти, проценка на земјишни плацови, средства за основните училишта, градска инфраструктура, организирање на лицитации за закуп на општинското земјиште, тезгите, градската трошарина и сл[487]. Полицијата и војската кои тесно соработувале со локалната самаоуправа биле под надлежност на соодветните министерства.

Редовно им помагало на сиромашните, посебно за време на верските празници, Велигден, Божиќ и Бајрам, потоа за време на зимата, елементарните непогоди и сл. Поглаварството одредувало казни за нанесени штети, одлуки за официјални мерни единици, односно баждарење. При Поглаварството постоеле ветеринарна и градежна секција. Комуналните дејности ги организирала посебна комунална служба. За хигиената во градот, Поглаварството превземало повеќе мерки и градежни комунални зафати: издавало наредби и казни за хигиената на улиците и пред дуќаните и куќите, изградени се градскиот водовод во 1931 година, како и хидратантна мрежа, одржување на градската бања, градење на нови и одржување на старите градски чешми изградени уште во 19. век, одржување на браздите и

[485] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 5, Геодетска управа Тетово (1928 - 1946), кут. 5.
[486] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 6, Шумска управа Тетово (1919 - 1941), кут. 7.
[487] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар (1919 – 1941), Напредок, Тетово, 1999, 17.

јазовите, како и редовно чистење на коритото на реката Пена[488]. Функционирало и Противпожарно друштво.

Освен од таксите и даноците, Поглаварството имало приходи и од издавањето под закупнина на градската трошарина, градската кафеана *Папас Ќуприја,* градската кланица, казните, баждарењето и други извори[489].

Локацијата на седиштето на Градското поглаварство три пати се менувало. Најпрвин во Хаки пашиниот конак (денес кај училиштето *Истигбал*), потоа, на местото на денешниот *Основен суд* и најпосле во центарот на градот (во близина на Центарот за култура, односно кај споменикот на револуцијата).

Градоначалници или Претседатели на Поглаварството биле:Васа Богојевиќ[490], Коста Парлиќ, Орестије Крстиќ, Томо Серафимовски, Стојадин Димитријевиќ и Томо Ристоски.

За време на Втората светска војна, воено административната власт на Италијаните се состоела од повеќе органи[491]. *Финанца* – служба која се бавела со политички прашања: го следела политичкото расположение кај народот и влијаела врз него, прибирала разузнувачки податоци, ги следела тајните организации, двжењето на луѓето, контрола на цивилната власт, прибирала податоци за партизанските единици и нивните подржувачи и сл.; *Шквадра ди Монополи*, го контролирала монополот на тутун и работниците во тутунската станица; *Шквадра* интерна, ја обезбедувала касарната; *Нуклео полициа* (трибутарио) се грижел за состојбите во гардот, особено за локалите, продавниците, дуќаните и др.; *Карабинерија*, односно жандармерија која се грижела за јавниот ред и мир; *Командо Пресидио* (команда на место), со највисока власт во градот и околијата. На чело на Командата на место бил командантот на полкот; *Граничари* (ГАФ – Гардиа ди фронти), чиј штаб се наоѓал во градот; *Воена известителна служба* (СИМ – Сераицио информативе милитаре) имала свое одделение во Тетово; *Царинарница* (Догана); *Банка ди Наполи* – филијала во Тетово; *Шумска управа* (Милиција форестале);

---

[488] Истото.

[489] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело, 17.

[490] Глас Полога, Тетово, 23. 10. 1937, 2. Васа Богојевиќ бил роден во 1860 година во Тетово од татко Петре Ј. Богојевиќ и мајка Марија Стаматовска, ученик на првиот српски учител во Тетово, Стојко Аќимовиќ. На 12 години го продолжил своето школување во Белград. Се вратил во Тетово и се застапувал за српските национални интереси во Тетово и Скопје, особено околу прашањето за поставување на српски владика во Скопје, каде што соработува со српските конзули во Скопје и Истанбул. По воспоставувањето на власта на Кралството Србија во вардарскиот дел на Македонија, во 1912 година бил назначен за прв претседател на тетовската општина. Во 1915 година се повлекол со српската војска на Крф и Солун и веднаш по пробивањето на солунскиот фронт се вратил во Тетово. Повторно е назначен за претседател на општината, потоа прв началник на Срез (Околија), прв пратеник, за да на крајот во триесеттите години е избран за сенатор.

[491] Боро Митровски, воспоставувањето на италијанската . . . цит. Дело., 250 – 252.

Од август 1941 година локалната власт била предадена на локалните Албанци. Италијаните ја задржале војската, карабинеријата, Народната банка, граничната стража, царинарницата и Шумската управа[492].

За претседател на тетовската општина бил назначен д-р. Џафер Сулејмани од Тетово, за потпрефект Мунир Тершана дојден од Албанија, по него Зејнел Старова и најпосле Шаиб Камбери[493].

Покрај главната команда во градот, сместена во Раденичкото училиште, во ноември 1943 година, во Тетово, веќе биле воспоставени воените структури на Германците: СД – служба на безбедност, односно Известителна служба на Нацистичката партија; СС – единица, сместена во бившата жандармериска станица, крај реката *Пена* и дел во објектот на гимназијата, Фелџандармеријата – воена полиција; Германска школа за обука и контрола на албанската жандармерија; Морнарица – една чета се задржала 4 месеци во 1944 година и била сместена во Монополот; Четата на ПА одбрана, била два месеца стационирана на одредени позиции во градот и околу него; Одред за школување на албанската жандармерија, се задржал во Тетово 15 дена во Соколскиот дом[494].

По ослободувањето, Народно ослободителниот одбор на град Тетово[495] бил формиран на 03. 12. 1944 год. Во Тетово од 13 члена, а потоа е преименуван во Градски народно-ослободителен одбор. Така било се до 1947 година, кога Одборот го добил новиот назив – Градски народен одбор (ГНО) Тетово. Ваквиот назив се одржал се до 1955 година. Подрачјето кое го опфаќал овој ГНО, до 1950 година било исклучиво подрачјето на градот и неговиот атар. Претседатели на ГНО, во вој период биле: Илија Стојчески (1945), Веселин Пандиловски (1945 – 1947), Ефреим Хусеини (1947 – 1950) и Ќемал Хајрулаи (1950)[496].

Соборот на ГНО го сочинувале 45 одборници а извршен орган на ГНО бил Ивршниот одбор. Народниот одбор на Општината, работите од својата надлежност ги вршел преку одржување на седници на пленумот, горе на општински собор и собор на производители. Народниот собор имал постојани и повремени комисии. Покрај комисиите имало и совети, пр. за стопанство, комунални работи, наука и култура, народно здравје и социјална политика.

---

[492] Истото, 255.
[493] Истото, 256.Директор на тутунската станица бил Лоро Газлури. Како командант на жандармеријата бил назначен Мендух бег а потоа Есад Пагри. Шериф Мина бил сенатор на Тетово. Во еден период, командант на батаљонот на фашистичката милиција во Тетово бил Хајдин Заголи.
[494] Истото, 311.
[495] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, Собрание на општина Тетово, (1944 – 1965), АК – 1, Историска белешка, 1.
[496] Истото.

Организационата структура на ГНО Тетово била поделена на: управен оддел; стопански оддел; судски оддел; технички оддел; соопштителен оддел; просветен оддел; здравствен оддел; оддел за социјални грижи и исхрана; финансиски оддел; оддел за внатрешни работи со отсеци: - управен отсек и отсек милиција. Од 1947 се намалува бројот на одделите: општ оддел; финансов оддел; просветен оддел; оддел за трговија и снабдување; комунален отсек; отсек за народно здравје и социјални грижи; отсек за труд; планска комисија[497]. Во 1949 год. дошло до реорганизација и наместо оддели и отсеци се формираат поверенства и тоа: поверенство за земјоделие; за трговија и снабдување; за комунални работи; за финансии; за труд; за култура и просвета; за народно здравје и социјални грижи; за индустрија и занаетчиство, потоа комисии: планска комисија, комисија за државна контрола и секретаријат. Во 1950 година се формирале поверенство за државни набавки и за внатрешни работи, а се укинал секретаријатот[498]. Противпожарното друштво на чело со стариот командир Александар Николоски Пуљпуљ, броело 50 членови, добило од општината камион цистерна и други неопходни реквизити на пожарникарите[499].

Една од основните дејности на локалните власти е секако *комуналната дејност*. Локалните власти во Тетово, уште во османлискиот период се грижеле за основните комунални дејности. Одржувањето на хигиената, заштитата од пожари, одржување и осветлување на улици, одржување и изградба на водоснабдителни системи, пазарите и сл. За овие дејности, локалната власт се финансирала од различни даноци.

Во периодот од 1912 година до 1945 година, во склопот на различните власти кои се менувале, комуналните дејности продолжиле со својот развој и се проширувале.

До триесеттите години *отпадот* од тетовските домаќинства не се собирал на организиран начин. Во тој период отпадот, најчесто бил органски, па истиот се користел за наѓубрување на бавчите, со копање на дупки кои се покирале со земја или за исхрана на домашните животни.

Во 1935 година, Градското поглаварство на Тетово издало наредба за обврска на граѓаните, пред секоја куќа или дуќан во градот да се одржува хигиена од страна на сопствениците а чистењето ќе се врши секојдневно попладне и одпадот да се става во посебно сандаче кое ќе го празни општинскиот чистач со општинска кола . . .[500]. Во 1939 година,

[497] Истото, 5.
[498] Истото.
[499] Боро Јосифоски, Тетовско ватрогасно друштво подиже нови дом, Политика, Београд, 06. 12. 1954, 6.
[500] Глас Полога, Тетово, бр. 126, 24. 08. 1935, 4.

општината набавила прва цистерна за прскање на вода по улиците на Тетово т.н. *аутотенк – прскалица*[501].

По ослободувањето, од 1944 година, општината раководела со повеќе сектори во комуналната дејност[502]: снабдување со вода, изградба и одржување на градските улици, улично осветлување, паркови и пошумување, градска чистота, канали и бразди, оџачарска служба и др. Дури и општествената исхрана влегувала во надлежност на комуналната дејност[503].

Осветлувањето на улиците, започнало да се реализира од 1912 година. Најпрвин по улиците биле поставени улични фенери, на куќите кои се наоѓале меѓу две сокачиња. Фенерите виселе на ченгел, закован на аголот од куќата, а тој дел од куќата бил изѕидуван од општината, со коцки од травертин, вдлабени во ѕидот, со што фенерот ширел светлина на двете сокачиња. За палење на фенерите бил задолжен посебен човек од општината – фенерџија. Тој носел со себе *гасоуник од тењече со дуљче,* и со него во фењерот ставал гас и потоа фенерот се палел. Фенерите гореле се додека имало гас. Ги палеле околу 17 часот а гореле речиси 12 часа, додека имало гас во фенерот. Поради должината на денот, во лето се ставало помалку гас. Фенерите во Тетово биле поставени во *рисјанските маала и на Бунар*. Последен фенерџија во градот бил Мане Сисаљка[504]. Така било до воспоставувањето на електрично осветлување во градот, во втората половина на дваесеттите години, кога Тетовското индустриско акционерско друштво, ја пуштило во работа хидроцентралата на реката Пена[505].

Комуналното одделенеие се финансирало од буџетот на општината и наплата на услуги: водарина, ѓубретарина, пожарнина, сергија, бања, кантарина, оџачарина, јавни тоалети, погребни услуги, чешмарина.

Од 1949 формирани се општински поверенства, меѓу кои и Поверенството за комунални работи.Во 1949 година чистотата на градот ја одржувале 7 *метлачи,* 8 *колациje* со 8 запрежни коли. Поливањето на улиците со вода се одвивало мошне отежнато, само со едно црево, кое го фклучувале на уличните хидранти. Поверенството за хигиена, заедно со Здравствената станица организирало воспитно-пропагандна акција *Недела на чистотата*, а била зајакнувана и дисциплината кај граѓаните. Истата година формирано е посебно претпријатие кое се издвоило од поверенството под називот *Градско претпријатие за чистоќа*

[501] Глас Пологa, Тетово, бр. 325, 17. 06. 1939, 2.
[502] ДАРМ, Одд. Тетово, Собрание на општина Тетово, АК – 15, 37/40 – 41.
[503] Истото, 15/48 – 50.
[504] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 11. 2006.
[505] Бранислав Светозаревиќ – Покорни, Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата – 75 години развој, Напредок, Тетово, 2002, 13 – 15.

и водоснабдевање, кое имало за задача да ги одржува градскиот водовод, крадските канали (бразди) и оџачарската служба[506].

Пред 1925 година *противпожарната заштита* во градот била мошне примитивно организирана. Со ноќни стражари и набљудувања од тетовската *саат кула* се алармирало доколку некаде се појавел пожар, а после тоа со примитивни алатки и вода која се носела со запрежни коли се гасел огнот со рачна пумпа.

После големиот пожар во 1925 година кога изгорел поголемиот дел од тетовската чаршија, набавени се нови противпожарни апарати[507]. Во 1926 година организирана е противпожарна чета[508]. Во 1933 година, Поглаварството го превзело управувањето со Пожарникарското друштво. Пожарникарското друштво броело дваесетина членови на чело со Александар Николовски Пуљпуљ[509]. Заповедник на Првата противпожарна чета во 1936 година бил Лука Ќулат[510], а од 1938 година Владимир Перовиќ[511]. Во 1937 година, Градското поглаварство набавило нова посовремена противпожарна опрема[512]. Со наближувањето на Втората светска војна кон Кралството Југославија, во државата се превземани одредени одбранбени вежби. Во тој контекст може да се свати и големиот противпожарен митинг, организиран од Противпожарното друштво во декември 1940 година во Тетово[513].

Судови. Во османлискиот период, по протерувањето на Абдураман паша од Тетово во средината на 19. век, Тетово е прогласено за средиште на каза. Меѓу останатите институции во градот постоел и првостепен суд, т.н. *бидает*. Што се однесува до обвинителството, седиштата на обвинителите се наоѓале кај апелационите судови во седиштето на вилаетите, додека во казите имало по еден помошник обвинител[514].

Граѓанскиот суд во Тетово се појавува во 1913 година, кога градот подпаднал под власта на Кралството Србија. Таквата тенденција продолжила и под власта на Царството Бугарија.

Во перидот меѓу двете светски војни, во Тетово функционирале Тетовскиот првостепен суд[515] и Шеријатскиот суд[516], кој бил наменет за потребите за решавање на прашања според

---

[506] ДАРМ, Одд. Тетово, Собрание на општина Тетово, АК – 15, 20/66 – 72.
[507] ДАРМ, Одд. Тетово, Градско Поглаварство, Ф. Бр. 2, кн. 1, ст. 130, 131, 299 – 305.
[508] Истото.
[509] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. Дело, 17.
[510] Глас Пологa, Тетово, 16. 05. 1936
[511] Глас Пологa, Тетово, 23. 06. 1938, 3.
[512] Глас Пологa, Тетово, 18. 12. 1937, 3.
[513] Бора Јосифовић, Велики противпожарни митинг и основање добровољне ватрогасне чете у Тетову, Време, Београд, 23. 10. 1940, 7.
[514] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 766, Боро Мокров, АК – 5, Од историјата на локалното законодавство во Турската империја. Ст. 2 – 3.
[515] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 450, Тетовски првостепени суд Тетово, Тетово (1919 – 1940), кут. 31.

шеријатско право на муслиманското население[517]. Во граѓанските судови, се наоѓале седиштата на јавните обвинители[518].

Од 1934 година, во Тетово започнале со работа Окружен суд и Срески суд како пониска истанца[519].

Покрај судовите, како неопходен елемент, во Тетово се развивала и адвокатура[520]. Познати адвокати, во периодот по 1912 година биле: Симо Момироски, Светислав Андрејчин, Душан Петровиќ,Никола Дрмончиќ, Борис Андрејчин, Михајло Захариевски, Михајло Божовиќ, Никола Павловски, Владимир С. Поповиќ, Обрад Кандиќ, Петар Милосављевиќ, Јован Обрадовиќ и др. Во 1940 година како адвокатски приправник се јавува и Спиро Јаневски[521]. Според приложените имиња, меѓу адвокатите имало и Македонци од градот.

Карактеристично за судовите и јавното обвинителство во Тетово до 1944 година е дека вработените во судовите, особено судиите и јавните обвинители во најголемиот број не биле од Тетово и од Македонија[522].

Во однос на вработените во локалните полициски - жандармериски станици, состојбата со вработените била слична како и во судовите. најголемиот број на вработени во овие органи потекнувале од Србија и Црна Гора[523].

По Втората светска војна, судската надлежност била на Околискиот суд Тетово[524], прв претседател на судот во овој период бил Михајло Захариевски од Тетово.

---

[516] Истото.
[517] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 229, Првостепен суд Тетово (1941 / 1944).
[518] Истото.
[519] Глас Полога, Тетово, 27. 10. 1934, 4.
[520] Азбучни именик и адвокатских приправника, Адвокатска комора у Скопљу, Скопље, 1930, 1, Азбучни именик адвоката и адв. Приправника, Именик адвоката и Адвокатска комора, Скопље, Скопље, 1940, 6.
[521] Истото, 7.
[522] Во 1924 година во тетовскиот суд работеле: Претседател на судот бил Љубисав Пантиќ; судии: Јеврем Ненадовиќ, Љубиша Дониќ, Љубомир Живановиќ, Бранислав Аќимовиќ; Интабулационен протоколист: Милиќ Бориќ, сметководител Глигорије Симеуновиќ; архивар: Атанасије Поповиќ; Писари: Драгољуб Динуловиќ, Спира Петровиќ, Радивоје Крстиќ, Милош Вучиниќ, Радомир Грбиќ, Ѓура Влајниќ, Зоран К. Бранковиќ; Јавни Правобранители: Михајло Ј. Михајловиќ, Илија М. Обрадовиќ, Петар М. Милосављевиќ, Владислав С. Поповиќ. (Државни календар Краљевине СХС за годину 1924, Београд 1924.). Други судии: Арсеновиќ Младен, Милован Ивановиќ,
[523] Државни календар Краљевине СХС за годину 1924, Београд 1924. Началник за внатрешни работи за тетовскиот округ бил Милан Блажиќ; Секретар - Милан Каличанин; Писари - Драгољуб Каковиќ и Лазар Ажимовиќ.
[524] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 452, Околиски суд Тетово (1945 – 1959), кут. 64.

2.2 УЧИЛИШТА И ДРУГИ ПРОСВЕТНИ УСТАНОВИ

(Просветна политика)

Во 19. век, немуслиманското население на Балканот, со помош на реформите во државата, извршувани под постојан притисок на европските сили, добива определени права и слободи. Меѓу другото, овие реформи се однесувале и на правото на школување на мајчин јазик, во рамките на црковно-училишните општини.

Пред појавата на првите световни училишта ретко писмените луѓе, својата единствена наобразба ја имале во манастирите. Најчесто, тетовчаните се описменувале во манастирите *Св. Богородица Пресвета* во Кичевско, Св. Јован Бигорски во Дебарско [525] а поретко во светогорските манастири и манастирите во Косово. Просветните традиции во Тетово, за македонски прилики, имаат свои длабоки корени.

Тетовчаните се меѓу првите во Македонија, кои основале световно училиште[526]. Со оглед на тогашните состојби, кога единственото место каде што се негувале традициите на

[525] М. А. Селищев, *Полог и его болгарское население,* София, 1929, 140 – 144; Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица Македонска, Скопје, 2008, 367 – 368; Андрей Стояновь, *Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 39, 30. 06. 1891, 2; ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/493, Радивоје Богојевић, О Тетову и тетовцима.

[526] Истото, 56 - 58; Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовскоj . . . цит. дело, 40; Андрей Стояновь, *Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 38, 13. 05. 1891, 2. Така, Ристо Чкулка, кој бил учител во периодот од 1832 до 1835 год. бил од Тетово а својата наобразба ја стекнал во манастирот *Св. Јован Бигорски*, Дебарско. Вториот учител и помошник на Ристо Чкулка, Цветко Смилков, работел во ова училиште од 1833 до 1835 исто така е од Тетово а своето образование го добил во "тетовската црква". Во учебната 1835/36 учители биле поп Саве од село Јелошник, Тетовско со образование од *Св. Јован Бигорски* и поп Смилко од село Једоарце (1835/36г.), Тетовско кој се образувал во тетовската црква. Во учебната 1836/37, учител бил попот Јаков Сазданов од Тетово, родум од село Урвич, кој исто така својата наобразба ја имал во тетовската црква. Истиот бил учител и во годините 1839/44 год. Попот Никодим Спасов од Тетово, тукашен ученик, бил учител од 1836 до 1838 година. Уште еден поп со потекло од селото Јелошник бил учител во Тетово. Тоа е Серафим Архимандритов познат и како Хаџи Серафим кој работел од 1838 до 1844 година. Тој својата наобразба ја добил во манастирот *Св. Јован Бигорски*. Следниот учител е тетовчанецот Симо Јовчев кој своето образование го стекнал во Тетово, а бил учител во тетовското училиште од 1838 до 1852 година. Тетовчанецот Наум Иванов, кој исто така се образувал во Тетово, работел во училиштето од 1848 до 1860 година, отпрвин како помошник на Симо Јовчев а потоа и како главен учител. Наум Иванов или Јованов бил помошник на Јовчев а потоа и учител од 1848 – 1860 г.). Ѓоро Столев од с. Жилче, тетовски ученик, бил помошник и учител од 1848 до 1858 година. Како учител во изворите се среќава и Стојко Екимов од с. Такушево, (Пакошево), Скопско, (1860 – 1862). Во учебната 1853/54 година во Тетово како учител се појавува и Јордан Хаџи Константинов Цинот, кој со своите световни погледи ја шокирал тогашната конзервативна и строго религиозна тетовска средина. Кратко како учител во овој период се појавува и Крсто Петров Гиновски од Галичник. Од 1860 - 1862 год. учител бил Стојан Јакушов од Скопско, кој се образувал во манастирот *Св. Илија*, Скопско". Серафим Аврамов од Тетово, кој образованието го добил во својот роден град, бил учител во периодот од 1862 до 1867, а подоцна станал поп. По него повторно се споменува Јордан Х. К. Цинот, 1867/68, потоа Крсто Галиганов од Галичник, (1868 – 1870г.), ученик на манастирот *Св. Јован Бигорски.* Гешо Стефанов од Тетово бил учител од 1870 до 1875 г.; Михаил Христов од Гнилање (1874/75г.). Сите овие учители предавале по старата црковна метода на локалниот македонски говор. Нестор Данаилов од с. Тресонче кој завршил 4 класа во Казанлак, за првпат ја вовел новата модерна метода во 1875/76, која се применувала и во Бугарија. Од 1877 до 1890 година повторно доаѓа ученик на манастирот Св. Јован

словенската писменост биле црквите и манастирите, првите учители, всушност биле со црковно образование и воспитување. Наставата во нив се одржувала на македонски народен јазик, односно локалните македонски дијалекти. Потребата од приближување на црковните книги до народот е една од основните причини што во Македонија во самиот почеток на 19. век се појавуваат и првите книги на говор близок до народот. Такви дела биле книгите на Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Јеромонах Арсениј Теаречки и др. свештени лица. Освен книгите на Кирил Пејчиновиќ, кои во тетовските семејства се читале и чувале *како своите очи* во 19. век[527], познато е дека на тетовчанецот Н.А. Начов во 1817 година му е доставен еден примерок од книгата на Јоаким Крчовски *Чудесата на Пресвета Богородица*[528].

Во 1860 година во Тетово настапила српската пропаганда со учителот Стојко Аќимовиќ. Во 1873 година, преку прифаќањето на една група тетовчани со попот Серафим, на егзархиска помош за возобновувањето на црквата *Св. Никола*, се инфилтрирала и бугарската црковна и просветна пропаганда. Од седумдесеттите години на 19. век во градот се повеќе учители биле со потекло од Србија и Бугарија, а наставата се почесто се одвивала на српски и бугарски јазик.

Првите две државни училишта во Тетово се основани во 1895 година за потребите на муслиманските деца каде што наставата се одвивала на турски јазик[529], а постојат документи за постоењето на неколку приватни училишта на турски јазик уште во 70-тите години на 19. век и верски училишта[530].

Училишните објекти се градени со парите на локалните црковно-училишни одбори и делимично со парична помош на Србија и Бугарија, кои вложувале како дел од пропагандните дејности во Македонија. Во последните години од османлиското владеење, државата започнала делумно да финансира некои од училиштата во кои учеле христијанските деца, со што се обидувала да покаже дека води сметка за сите нејзини граѓани[531].

Во учебната 1911/1912 имало 3 егзархиски училишта со 13 учители, 5 учителки и 814 ученици и 365 ученички[532].

Бигорски, Ив. Х. Г. Илиев од Дебар, кој иако работел во периодот кога бугарската пропаганда го контролирала училиштето, немал бугарско образование.

[527] Л.Серафимовь, Тетовско и дъйцитъ по вжзраждането му, Пловдивь, 1900, 45, Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пжтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, бр. 39, 30. 06. 1891, 2.

[528] М. А. Селищев,*Полог* . . . цит. дело,130.

[529] Али Вишко, Просветните прилики во Тетовската каза во втората половина на 19 век, Историја, Скопје, 1979, 156.

[530] Истото, 156 – 157.

[531] Боро Јосифовиќ, Народна просвета у Тетову и у Доњем Пологу, Вардар, Скопље, бр. 127, 10. 10. 1933, 1 – 2.

[532] Ил. Ив., Църковно-училищното дѣло въ гр. Тетово и околията, Илюстрация Илиндень, София. Юний 1937, 12.

Покрај егзархиските, бугарски и патриаршиските, српски училишта во 1909 година во Тетово е отворено и романско училиште во кое имало околу 20 ученици чии родители работеле во Романија и тоа претежно од делот на влашкото население во градот. Учителот во тоа училиште бил Романец[533].

Во 1907 година, крај реката Пена, во близина на Казази мостот (мостот покрај ден. Државен архив), во новоизградени објекти, било сместено *руждие*, нижа гимназија, која била основана уште кон крајот на 80-тите години на 19. век[534]., а во 1908/9 година било сместено и основното училиште[535].

Во 1913/14 година во Тетово функционирале следните три основни училишта: Машкото основно училиште кај црквата *Св. Никола* со пет учители, машкото основно училиште во маалото Два Бреста со пет учители и Основно машко училиште кај реката Пена со пет учители. Во истиве училишта постоеле и женски основни училишта, со вкупно седум учителки[536]. Овие училишта биле истите од турскиот период.

Со инсталирањето на српските просветни власти во Македонија, просветните инспектори констатирале дека, поголемиот дел од учениците не го разбираат српскиот јазик. Поради тоа, пред почетокот на училишната година 1913/14, во училиштата во македонските градови, меѓу кои и Тетово, организиран е тромесечен курс за запознавање на српскиот јазик, како и со дел од српската историја, во која се нагласувале старите граници на средновековната српска држава. Освен овие проблеми, српските учители имале големи тешкотии во одучувањето на учениците од употребата на старословенските букви Ъ, Ь, Ѣ, Ѫ, Я и т.н. кои во Тетово се изучувани уште од почетокот на 19 век, како и оние кои се изучувале во бугарските егзархиски училишта, почнувајќи од седумдесеттите години на истиот век[537].

Во учебната 1913/14 во Тетово е отворена прогимназијата. До крајот на септември 1913 година се запишале во прва година 58 ученици, во втора година 53, во трета година 8 и во четврта 10 ученици, а со задоцнување, на 16 јануари 1914 година[538], започнала наставата во две паралелки. Прогимназијата се наоѓала во објектот кој го изградиле турските власти, уште во

---

[533] Истото.
[534] Али Вишко, Просветните прилики во Тетовската каза во втората половина на 19. Век, Историја, Скопје, 1979, 157.
[535] Филозовски факултет Скопје (1920 – 1941), АК – 38, 390 – 391.
[536] Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни (1913/1914г.), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1966, 127.
[537] Истото, 129 – 130.
[538] Истото, 131;ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 – 1941), АК – 38, 390 – 391.Со указ на Кралот Петар I од 20. 10. 1913 година била формирана Првата тетовска гимназија. Првата иницијатива ја дал Доронтиќ Милан, тогашен началник на Тетовскиот округ. Министерството за просвета, дало наредба да се изврши упис на ученици и на 17. 09. 1913 година се пријавиле 29 ученици.

Page109

1908/9 год., на брегот на реката Пена[539]. Прв директор на оваа полугимназија бил Карликовиќ Риста[540].

Во Тетово од 1912 година е основано т.н. Раденичко школо на Женското друштво од Тетово со 120 ученички. Учителка била Милева Стефановиќ, која завршила Женска Раденичка школа во Дрезда. Школата е основана по иницијатива на Окружниот началник, Васа Богојевиќ[541].

Во периодот помеѓу двете светски војни, одржувањето на старите и изградбата на новите училишни објекти се финансирало од фондовите кои ги образувале самите училишни одбори и дело од Окружниот училишен одбор во Тетово и Банската управа[542]. До 1933 година имало 4 основни училишта со 6 училишни објекти. Според една статистика во основните училишта (до 4. одделение) во Тетово во 1934 година околу 40 одделенија со 1072 православни ученици. Тие учеле во 5 училишта и тоа: *Св. Сава, Краљ Александар, Ѓура Јакшиќ, Вук Караџиќ* и *Краљ Томислав*[543]. Освен објектот на најновото училиште *Краљ Александар*, сите други објекти биле изградени во турскиот период од слаб материјал.

Тетовската *полугимназија*, која продолжила со настава на српски јазик во 1918/19 година[544], веќе од 1926/27 година, прераснува во *полна гимназија*, а во неа годишно завршувале полуматура и матура околу 300 ученици[545] од северозападниот дел на Македонија, Србија и Црна Гора. Повеќето од половината дипломирани гимназијалци во тетовската гимназија, меѓу кои и оние од Тетово, продолжиле да студираат на универзитетите во Скопје, Белград, Загреб и т.н[546]. По учебната 1929/30 година, кога во Македонија петте потполни гимназии во Велес, Прилеп, Штип, Охрид и Куманово биле сведени на нижи, се зголемил бројот на учениците во вишите класови на тетовската гимназија[547]. Во гимназијата освен ученици од Тетово, имало и од западниот дел на Македонија, Јужна Србија и Црна Гора.

Женското училиште, т.н. *Раденичко*, чиј основач е Женското здружение во Тетово, продолжило со својата работа и во овој период. Околу 1928 година ова училиште изградило

---

[539] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 1042, Претседателство на министерскиот совет на Кралството СХС, централно прес биро, Белград, (1929 – 1940), АК – 10, 20/51; Извештај за учебната 1954/55 година, Полна гимназија, Кирил Пејчинович, Тетово, Тетово, 1955, 14.

[540] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 – 1941), АК – 38, 390 – 391.

[541] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 139. Други директори во оваа гимназија до 1930 година оваа гимназија биле: Јанкуловиќ Лазар, Смиљаниќ Тома, Јојиќ Велимир, Димитријевиќ Драгомир, Михајловиќ Коста и Аранѓеловиќ Димитрија.

[542] Боро Јосифовиќ, Народна просвета . . . цит дело.

[543] ДАРМ Скопје, Црковен суд, Скопје, 1934, АК – 228, АЕ – 2, Списак основних школа на територији Епархије Скопљанске са списком учитеља.

[544] Просветните прилики во вардарска Македонија (1919 – 1928), Студентски збор, Скопје, 1983, 212.

[545] Истото, 214 – 215; Боро Јосифовиќ, Народна просвета . . . цит дело.

[546] Тетово и тетовско во НОВ . . . цит. дело, книга прва, 144.

[547] Владимир Картов, Гимназијата – жариште на прогресивната мисла во Тетово, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 144 – 145.

свој модерен за тоа време објект, каде што условите за работа и учење биле на највисоко ниво[548]. За описменувањето и воспитувањето на жените, во овој период се организираше и посебни курсеви со цел за што поголем број на жени да добијат најосновни знаења од домаќинството, хигиената, одгледувањето на децата и сл[549]. Дел од своите домашни ракотворби на ученичките, училиштето ги изложувало на јавни изложби[550].

Во 1928 година отворено е и *Земјоделското средно училиште*[551]. Овој училишен центар покривал еден поголем број региони од Македонија, Косово, Србија и Црна Гора. Во училиштето, учениците се стекнувале со знаења од повеќе области: лозарство, овоштарство, општо земјоделие, сточарство, живинарство, градинарство, ливадарство, млекарство, пчеларство, свиларство, ветерина, зајчарство, рибарство и други предмети неопходни за усовршување и примена на знаењата. Од неговото основање па се до прекинот во 1941 година, школувањето го завршиле вкупно 323 ученици.

Во државниот календар за 1924 година е запишано дека во Тетово функционирало *Трговско училиште*. Колку ова училиште финкционирало и како, не е познато, но за неговиот наставнички кадар се знае од овој документ[552]. Управник на ова училиште бил Јевта Крњевиќ. Во 1929 година, отворено е *Училиште за трговски помошници* по иницијатива на Трговското здружение од Тетово. Училиштето траело 4 години и имало за задача да спреми стручни кадри за разни работи во трговијата[553]. По иницијатива на Занаетчиското здружение било отворено и занаетчиско-трговско училиште, кое оспособувало кадри за вршење на занаетчиска дејност, со знаења и од трговијата.

Во сите училишта, според тогашните закони, предавањата и целокупната настава се одржувале на српски јазик. Македонскиот народен јазик, вил забрануван во училиштата. Дел

---

[548] Марија Јовановиќ, Просветно – политичките . . . цит. дело, 234; Боро Јосифовиќ, Народна просвета . . . цит. дело, 237.

[549] Бора Јосифовиќ, Народна просвета у Тетову и у Доњем Пологу, Врадар, Скопље, 10. 10. 1933, 1 -2; Глас Пологa, Тетово, бр. 127, 31. 08. 1935, 4.

[550] Глас Пологa, Тетово, Изложба радова Женске занатске школе, 19. 06. 1937, 3.

[551] Роза Ристоска, Земјоделско училиште Тетово 1928 – 1988, Тетово, 1988, 13 – 20; ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 207, Земјоделско училиште Тетово, (1928 – 1944). Директори во периодот до 1941 година биле Димитрије Целајлија, Александар Цујиќ, Ѓорѓе Ѓорѓевиќ и Сотир Наумовски; М. Марсенић, Пољопривредна школа у Тетову, Глас Пологa, Тетово, бр. 128, 07. 09. 1935, 3; Истото, бр. 131, 28. 09. 1935, 3; Истото, бр. 132, 05. 11. 1935, 3.

[552] Државни календар Краљевине СХС за годину 1924, Београд 1924. Како наставници на трговското училиште биле: Марко Петровиќ, Јован Грујиќ, Трпко Стојановиќ, Владимир Тушиќ, кој бил Шеф на финансисаката управа во Тетово, Глигорије Богдановиќ и д-р. Џафер Сулејмановиќ.

[553] Тетовска трговачка школа, Вардар, Скопље, 08. 07. 1933, 5.Во него предавале професори од средните училишта во Тетово и Скопје, но и познати банкарски работници како што бил Мио Поп Серов, директор на Тетовската банка, но и еминентни тетовски економисти каков што е Д-р. Крсто Џорде, потоа адвокатот Симо Момировски, Живојин Савиќ, судија, Саво Теофиловиќ, училишен надзорник, Никола Вучелиќ – учител, Трпе Глигориевски – директор на Кредитната банка, С. Ристиќ – банкарски службеник и Ѓорѓе Михајловиќ, банкарски службеник[553]. Од 1922 година во Скопје е формирана трговско-индустриска комора во која партиципирале и тетовските трговци[553].

од наставниот кадар, тенденциозно се однесувал кон своите ученици и локалниот мајчин јазик на учениците, кој им го нарекувале како *бугарашки* и сл. Училишниот надзорник за град Тетово и Долнополошката околија, Вучковиќ, ги оправдувал Македонците за нивниот негативен став спрема дојдените од надвор чиновници во Македонија.

Освен класичното образование во Тетово, во периодот меѓу двете светски војни, биле организирани и други форми како што биле разните аналфабетски и други курсеви[554]. Според упатствата на Народниот универзитет од Скопје во 1927 година основан е *Народниот универзитет* во Тетово[555]. Сепак првите облици на народниот универзитет според д-р. Симо Петровски Јогун, датираат уште од 1912 година, а поинтензивна работа покажал по 1920 година[556]. Во тој период иако, Народниот универзитет, првично замислен да ја развива српската национална свест меѓу Македонците[557], неговите активности биле насочени во повеќе области, корисни за културата на живеењето како што се здравството, хигиената, просветувањето, преку организирани предавања, изложби и концерти[558]. Првиот предавач на тетовскиот народен универзитет бил д-р Алексие Јелачиќ[559], а од предавачите во Тетово се истакнувале д-р Симо Петровски Јогун, д-р Ристо Трифуновски Брезјанин[560] и др.

Со воспоставувањето на италијанската окупација во западниот дел на Македонија била организирана настава исклучиво на албански јазик, а наставниот кадар бил доведен од Албанија, а домашните просветни работници биле протерани[561]. Некои од овие наставници соработувале со НОД, биле прогонувани затворани, убивани или погинале како борци[562]. Освен албанскиот јазик, во училиштата се наметнувала и фашистичката идеологија. Ваквата просветна политика на Италија и Албанија, предизвикале отпор кај населението, така што од месец во месец, бројот на учениците се повеќе се смалувал. Во некои училишта каде што имало полиберални учители Албанци, меѓу кои имало и членови на КП на Албанија, истите се ставале во заштита на македонските ученици во рамките на своите надлежности[563].

---

[554] Боро Јосифовиќ, Народна просвета . . . цит дело.
[555] Истото, 1 – 2; Марија Јовановиќ, Просветно – политичките . . . цит. дело, 280; Глас Пологa, Тетово, Васпитне установе и њихове функције, 28. 12. 1937, 4.
[556] Сима Петровиќ Јогун, Народни универзитет у Тетову, Глас Пологa, Тетово, бр. 87, 24. 11. 1934, 2.
[557] Михајло Георгиевски, Библиотекарството во вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, Култура, Скопје, 1989, 87.
[558] Бора Јосифовиќ, Народна просвета . . . цит. статија, 1 – 2; Глас Пологa, 13. 03. 1937, бр. 287, 1.
[559] Александар Илиевски, Основањето и дејноста на народниот универзитет во Скопје меѓу двете светски војни, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2-3, 1979,163.
[560] Глас Пологa, Тетово, бр. 95, 19. 01. 1935, 3.
[561] Нада Јурукова, Развојот на просветата во Тетово и Тетовско во 1944 – 1945 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 223.
[562] Истото, 223 – 224.
[563] Сеќавања на Васил Јовановски Кртак, (1934 -) пензионер од Тетово и Диме Ѓорчевски Чауш (1934 -), пензионер од Тетово. Белешки кај авторот.

Веднаш по ослободувањето на Тетово, НОО на Тетово превзел мерки за воспоставување на образовниот систем, согласно одлуките на АСНОМ[564]. Меѓу другото биле повикани сите расположливи просветни кадри, биле адаптирани постоечките училишни објекти и биле превземени сите мерки за одржување на наставата на мајчин јазик. Наставата на мајчиниот македонскиот јазик, во Тетово повторно после повеќе децении се слушнала во тетовските училишта, но овој пат со примена не на народниот локален, туку на македонскиот литературен јазик и современата македонска азбука. До 24 декември биле одржани учителски курсеви во градот[565]. На 10 декември 1944 година во Тетово и во некои села во Тетовско, со пригодни свечености започнале со работа првите училишта на македонски литературен јазик[566]. Во рамките на новата просветна политика, околискиот НОО на Тетово, формирал Оддел за просвета со кој раководел првиот прочелник Ристо Ѓорѓевски, а во втората половина на декември 1944 година организиран е и првиот учителски курс во организација на Одделот[567]. Паралелно со училиштата на македонски јазик воспоставена е настава и на албански јазик.

На 02. 11. 1944 година, Президиумот на АСНОМ донел одлука за отворање на гимназии во 9 градови во Македонија, меѓу кои и во Тетово. Од предвоената гимназија, по војната останале речиси само голи ѕидови на нејзиниот објект кој потекнувал уште од 1910 година[568].

На 26. 01 1945 година за наставници на *гимназијата* биле назначени Јован Мојсовски од Тетово со завршен филозовски факултет, изведувал настава по македонски јазик; Цоне Аврамовски од Тетово долгогодишен спортски работник и спортист – фискултура; Трајко Георгиев од Куманово и Димитар Аврамовски од село Лешок биле, двајцата со завршена богословија во Призрен, изведувале настава по руски јазик; потоа Панче Кировски, студент по географија, изведувал настава по географија; Благородна Стевческа, учителка, изведувала настава по биологија и Мирко Шурдовски, учител, изведувал настава по математика. За прв директор е назначен Јован Мојсовски. Градскиот народен одбор на Тетово се грижел за материјалното обезбедување на гимназијата.

На 28 февруари 1945 година со свечена програма, изведена за првпат на македонски јазик, свечено започнала учебната година[569]. Во 1950 година во Тетово од прво до четврто

---

[564] Нада Јурукова, Развојот на просветата . . . цит. дело, 224 – 225.
[565] Јурукова Нада, Учителските курсеви во учебната 1944/45година во Македонија, Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија (1943 – 1983), Просветно дело, Скопје, 1985, 121.
[566] Истото, 225.
[567] Истото, 226.
[568] Истото, 227.ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр.505, Гимназија Кирил Пејчиновиќ, Тетово (1945 – 1973).
[569] Истото, 228. Во тетовската гимназија во првата учебна година, 1944/45 год. учеле 34 ученици. Наставата се изведивала со 9 наставници.

одделение имало вкупно 518 ученици на македонски јазик. За нив биле ангажирани 12 учители или просечно, 43 ученици на еден учител[570].

Земјоделското училиште[571] во Тетово, по ослободувањето, званично со својата работа започнало на 01. 10. 1946 година, кога биле запишани 36 ученици[572]. Први редовни предавачи во училиштето биле: Илија Оровчанец, Рајко Попоски, Борис Несторовски, Вангелица Петковска, Димитар Попоски, Пандо Качански и други предавачи кои работеле хонорарно[573].

За потрбите на тетовското стопанство и пошироко во Тетово во 1945 година,отворено е Училиште за ученици во стопанството[574] а во 1949 година отворен е *Услужно занаетчиски училишен центар „Ѓоце Стојчески"*[575].

Како и пред војната и по Втората светска војна продолжило да функционира *Нижото женско професионално училиште*[576].

Музичкото образование за најмладите возрасти започнало институционално да се негува со појавата на пионерскиот дом *Братство – Единство* кон крајот на 1948 и почетокот на 1949 година, кога под раководство на Урбано Андреоли е формиран првиот мал оркестар од 10 члена[577]. На 10. 12. 1949 година Градскиот НО на Тетово донел Решение за отворање на *Нижо музичко училиште*[578]. Врз основа на оваа одлука и согласноста од Министерството за просвета, започнала работата на Музичкото училиште во Тетово на 01. 02. 1950 година. На 23 и 24 февруари бил извршен упис на 24 ученици за пијано и 29 за виолина. За овие потреби претходно, училиштето откупило клавир и пијано од лица од Скопје и неколку виолини од приватни лица од Белград.

Народниот универзитет, по Втората светска војна одиграл значајна улога, пред се во описменувањето на полнолетните лица[579].

Во воспитно – образовниот систем се појавува во овој период и нова институција т.н. *Пионерски дом*[580], во која најмладите деца имаат можност да рзвиваат посебни вештини надвор

---

[570] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -15, 66/407 – 408.
[571] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 207, *Земјоделско училиште Моша Пијаде, Тетово,* (1945 -)
[572] Роза Ристоска, Земјоделско училиште Тетово 1928 – 1988, Тетово, 1988, 25.
[573] Истото, 26. Хонорарни пофесори биле: Видосава Петровиќ, Татјана Голубовска, Методи Сугаревски, Олга Трајческа, Д-р Павле Жидков и Филимена Ивановска.
[574] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 211, Училиште за ученици во стопанството, Тетово (1945 – 1949).
[575] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 212, УЗУС Ѓоце Стојчески, Тетово, (1949 -), кут. 2.
[576] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 121, Нижо женско професионално училиште, Тетово (1945 – 1962), кут. 2.
[577] Шар, Тетово, Од работата на пионерскиот дом *Братство – единство во Тетово*, бр. 34, 07. 04. 1949, 4; ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 545, Пионирски дом *Братство – Единство*, Тетово, 1949 – 2001, АК – 7.
[578] Соња Андонов, Симона Блажевска, 50 години - Основно музичко училиште Тетово, 1950 – 2000, ОМУ Тетово, Тетово, 2000, 5.
[579] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -15, 64/ 374.
[580] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 545, Пионерски дом Братстство – Единство, Тетово (1949 – 2001), кут 7.

од училишниот систем со повеќе секции, игараорна, музичка (додека не се отворило музичкото училиште), театарска, фотографска, сообраќајна и други секции.

Во 1949 година Градскиот одбор формирал *Народна техника*[581]. Во неа се запишувале членови постари од 14 години, односно со завршено 8 одделение. Народната техника овозможувала дополнително образование, обука и учество на разнисеминари и натпреварувања преку кои младите луѓе се стекнувале со дополнителни знаења. Секции на народната техника биле радио-аматерската секција, аеро- клубот, фото секцијата и сл.

2.3 ЗДРАВСТВО

Големите кризи на Османлиското царство, а особено војните предизвикувале тешки услови за живеење и ширење на голем број на епидемии и болести. Хигиенските услови во тетовскиот крај биле на мошне ниско ниво, непостоењето на било какви здравствени институции и мошне малиот број на стручни медицински лица, оставиле простор на суеверијата, надрилекарите, бајачките и други неуки луѓе да ја превземаат улогата на спасители од болестите[582]. Во 1891 година, тетовскиот учител Андреа Сојанов пишува дека и покрај убавите климатски услови и изобилие на вода, тетовчаните не знаат да си го чуваат здравјето, не се лекуваат на време или пак земаат лекови од *различни шарлатани*[583].

Сепак покрај овие суеверија кои на луѓето им нанесувале штета, народот успеал со генерации наназад да акумулира и искуства кои помагале на здравјето со примена на т.н. народни лекарства(народан фармакопеа) кои денеска имаат и своја научна поткрепа, признание и примена.

Периодот од почетокот на 19. век па се до почетокот на Првата светска војна во 1914 година, може да се смета за првиот период на историјата на модерното здравство во поширокиот тетовски регион, или со други зборови овој период започнува со појавата и работењето на првите дипломирани лекари и завршува со појавата на првите здравствени установи во Тетово[584].

Во првите две децении од 20, во Тетово се појавуваат лекари со респектабилно знаење кое го стекнале во позначајните европски универзитети. Повеќето од нив се од Тетово, но некои се од други краишта, но кои несомнено имаат свои големи заслуги во развојот на здравсвената култура во овој крај.

---

[581] Шар, Тетово, бр.34, 07. 04. 1949, 4.

[582] Бранислав Светозаревиќ, Народната мадицина и суеверијата во Долни Полог во XIX и првата половина на XX век, Компас, Тетово, февруари 2001,12 – 13; Слободан Паламаревиќ, Социјална питања, Споменица двадесетпеттогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 - 1937, Скопље, 1937, 763.

[583] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.

[584] Бранислав Светозаревиќ, Лекарите во Тетово во 19. век и првите две децении од 20. век, Зборник на трудови, Прв македонски конгрес за историја на медицината, Штип, 2001, 253 - 259.

Во периодот од 1900 до 1912 година, покрај неколку турски лекари, се споменува Д-р. Леониди[585], кој во Тетово работел како еден вид општински лекар.Д-р. Никола Герасимов од Тетово[586]. Тој мошне често доаѓал во Тетово да ги лечи своите сограѓани. Во 1909 година д-р. Герасимов е назначен за реонски лекар во Тетово и Гостивар со седиште во Скопје а во 1911 и 1912 год. повторно е вратен на старата функција.Од 1900 година во Тетово се појавува д-р. Џафер Сулејмани[587]. Д-р Џафер станува синоним за народен лекар во целиот тетовски крај и пошироко, затоа што се до 1948 година ќе ја обавува лекарската професија и ќе стане најдобар познавач на народната патологија во целиот полошки регион[588].

Во Тетово напоредно со дипломираните лекари, полека но сигурно се појавувале и дипломирани фармацефти па на тој начин се развивало и аптекарството. Во втората половина на 19. век, македонските аптекари своите аптеки со лекарства ги снабдувале претежно преку Цариград, а подоцна се повеќе се снабдувале преку Белград и Виена[589].

Во почетокот на 20. век во Тетово егзистирале 3 аптеки[590]. Покрај првата аптека на Александар Парлиќ[591] отворена уште во 1885 година со опрема од Виена, во Тетово кон крајот на 19. век се појавуваат уште две аптеки. Тоа се аптеките, "Здравје", во 1889 година, која припаѓала на егзархиската општина и со која раководел Александар Герасимов и аптеката на Татеос Кандикјан[592] која е отворена 1898 година и ќе работи долго време се до крајот на Втората светска војна, кога е и национализирана.

---

[585] Исто.

[586] Исто; Виктор Аќимовиќ, цитирано дело, 2; Илия Галчев, Здравно-социјалната дејност . . . цит. дело, 103 - 105. Никола Герасимов е роденво Тетово во 1868 година, по завршеното гимназиско образование во Солун, медицинскиот факултет во Цариград и неколкугодишната медицинска пракса во Скопје Медицинските студии Никола Герасимов ги продолжил со одбрана на докторска теза во почетокот на 1900 година во Нанси, Франција. На крајот положил и државен испит во Цариград по што се вратил во Тетово. Никола бил зет на Димитрије Парлиќ, но поголемиот дел од својот работен век го поминал во Скопје како егзархиски лекар во пансионот на педагошкото и свештеничко училиште. Во тој период се нафаќа со научно-истражувачка работа во врска со здравствените услови на учениците и стандардите кои за тоа треба да ги исполнуваатучилиштата и пансионатите односно ученичките домови. Исто така води педантна статистика за здравствената состојба на учениците.

[587] Ристо Брезјанин, цитирано дело, 18; Виктор Аќимовиќ, цитирано дело, 1. Иако, д-р. Џафер по националност не бил Македонец, сепак се работи за личност која секојдневно била присутна меѓу македонското население во градот и околината. Д-р. Џафер се родил во 1871 година во Пермети, Албанија а медицинските студии ги завршил во Истанбул, Турција во 1899 година. Таа година работи во Гостивар, а од следната година доаѓа во Тетово и тука останува до крајот на својот живот, кога починал во 1956 година.

[588] Речиси не постоела куќа во која Д-р. Џафер не влегол извршувајши ја својата хумана задача. Професорот Никола Николиќ го окфаликувал Д-р. Џафер како одличен дијагностичар и терапефт.

[589] Илия Галчев, Здравно-социјалната дејност . . .цит. дело,168.

[590] Л.Серафимовь, Тетовско и дъйцитъ по вѫзражданието му, Пловдивь, 1900, 9 – 10.

[591] Глас Пологa, Тетово, Осамдесетогодишњица Г. Александра Парлића, 09. 11. 1935, 2.

[592] Татеос Кандикјан, по потекло Ерменец, се родил во 1871 година во Кхи во Турција. Дипломирал во 1895 год. на Фармацевскиот факултет во Истанбул. Од 1896 до 1897 година работел како аптекар во Куманово а од 1897/98 па се до својата смрт во 1946 година работел во Тетово. Од тоа, до 1903 година како општински а потоа како приватен аптекар. Приватната аптека *Спаситељ* се наоѓала на улицата "*Тодор Џипоски Мерџан*" кај киното "19 Ноември", а по Првата светска војна подигнал нова аптека на истата улица наспроти старата.

Во Тетово за потребите на Македонската револуционерна организација, како и за четите кои дејствувале во овој реон постоела револуционерна аптека. Одговорен за таа аптека бил Ристо Дембов и други членови. Оваа аптека во 1905 година била откриена од турските власти[593].

Со доаѓањето на српската војска во Тетово во 1912 година, дошле и воените лекари, дивизискиот лекар д-р. Михајло Петровиќ и д-р. Жерајиќ[594]. Тие по првото повлекување на српската војска организирале санитетска служба, која се става под надзор на д-р. Џафер, но поради неговото интернирање во Бугарија, службата прекинала со работа. Оваа служба најмногу работела во 1913 година за лекување на полесно ранетите војници за време на албанската побуна во Дебарско. Поради големиот број на ранети, на брза рака се формира една прифатна импровизирана болница и се оспособуваат пет соби во Арабати Баба теќе. Потешко ранетите војници биле испрашани во воената болница во Скопје. Меѓу жртвите на колерата која се раширила низ Македонија и Тетово е и д-р Никола Серафимовиќ, родум од Тетово.

Никола Герасимов умрел во Гостивар од Колера во 1912 година, а во истиот град 1915 година од Пегав тифус умира и Тома Парлиќ.Во еден период од Балканските војни, во Тетово работел и прилепчанецот д-р. Ѓорѓи Шкатров.[595]

Во краткиот мирен период од неполни една и пол година, Кралството Србија во Македонија успеала да постави во поголемите места во Македонија окружни епидемиолози[596]. Во Тетово во 1914 година се наоѓало седиштето на окружниот епидемиолог, во кој спаѓале срезовите Поречки, Долно Полошки, Горно Полошки и Галички. Окружен епидемиолог бил д-р Драгутин Романовиќ, кој станува уште една жртва на подмолната болест во 1915 година.[597]

Во 1915 година, поради ширењето на пегавиот тифус, во куќата на Имер Хаџи Мемедовиќ, местната воена власт ја сместила воената амбуланта, која како таква е користена се до крајот на 1918 година[598]. Поради големиот број заболени од епидемијата, повеќе куќи во Тетово биле претворени во импровизирани болници.

Во Тетово најстариот објект на денешното Медицинско училиште била претворена во Болница за лекување на болни од пегавиот тифус. Капацитетот на истата бил од 50 легла, а условите за работа биле многу тешки бидејќи имало многу голем недостиг од храна, лекови,

[593] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и . . . цит. дело, 105.
[594] Виктор Аќимовиќ, Лекарите . . . цит. дело, 1; Изјава на Јован Марковски во 1996 година, пензиониран здравствен работник од Тетово, (1901-1999).
[595] Ристо Брезјанин, цитиранио дело, 20..
[596] Слободан Паламаревиќ, цит. дело . . .762.
[597] Изјава на Јован Марковски...цит. извор, 11.04. 1997.
[598] ДАРМ, Одд. Тетово, Првостепен суд Тетово 1919 - 1941,Ф.бр.450, АК-15,610.

санитетски материал, ќебиња, дезинфекциони средства, огревен материал и др. Во болницата работел само еден лекар од Грција д-р Тестеридис, кој подоцна умрел од пегавецот во Тетово.

Со влегувањето на бугарската војска во Тетово во 1915 година, веќе состојбата во градот била катастрофална. Санитарните служби на војската биле принудени да превземаат мошне строги мерки за сузбивање на оваа епидемија[599].За потребите на сузбивањето на тифусот од 1916 до 1918 год., биле ангажирани тројца воени лекари, двајца германци и еден бугарин, а д-р. Џафер како што претходно рековме бил интерниран во Бугарија во 1916 год.[600]

Кон крајот на 1918 година завршила Првата светска војна но здравсвените проблеми кои се појавија за време на војните не завршиле.Во 1919 година во Тетово пристигнала дел од британската мисија која требала да помогне во санирањето на тешката здравсвена состојба во вардарскиот дел на Македонија кој во тоа време припаднал на Кралството СХС.

Старата куќа на бегот Скендер (веднаш до објектот каде што до неодамна беше Геодетската управа) е претворена всушност во првата болница во која биле оспособени 10 соби со 30 легла. Во болницата е донесен и најнеопходниот инвентар. Со болницата управувала англичанката д-р. Сара а со неа работела и д-р. Едит Харлеј. Подоцна во болницата дошле и двајца француски лекари, на кои им се приклучува и д-р. Џафер Сулејмани кој работи како општински лекар. По нивното кратко работење, од Белград како раководител на болницата е назначен тетовчанецот д-р Јован Димитриевиќ, кој завршил медицински факултет во Франција. За жал и овој лекар, после 6 месеци работа во болницата умира, инфициран од Тифус.

Званично на 16. 07. 1919 година[601] е основана оваа болница и прераснала во здравствена институција за средиште на една голема административна единица и вршела куративна дејност. По формирањето на Вардарска бановина (1929) овој тип на болници се наречени бановински болници[602], додека во центрите на бановините централните болници се наречни државни болници[603].Покрај овој објект, во дворот на старата беговска куќа е изграден и уште ден објект (и денес постои) во кој била сместена болничката амбуланта, канцеларија на управникот и породилиште со 10 постели.Стручниот персонал го сочинувале еден управител, медицинска сестра или бабица и 3 до 4 болничари и 1 економ[604]. Работното време на болницата било 8 часа а фактички најчесто работеле од 10 до 12 часа. Бројот на персоналот се до почетокот на Втората светска војна, битно не се изменил а управителот најчесто бил

---

[599] Виктор Аќимовиќ, цитирано дело, 2.
[600] Исто, 1.
[601] Маја Миљковиќ – Ѓуровиќ, Здравствената заштита во Вардарска Македонија (1919 – 1929), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1999, 97.
[602] Службени лист Вардарске Бановине, 28. 03. 1931, Скопје, бр. 51 - 62, ст. 76 - 77.
[603] Слободан Паламаревиќ, цит. дело, 764.
[604] Глас Пологa, Тетово, 25. 09. 1937, 3.Меѓу болничарите се Стеван Н. Поповски[604], Наумовски Ристо, Марија Леунова и др. Сестрата вршела должност и на аптекарка на болничката аптека која била обезбедена со најнеопходните лекови со скромни количини.

лекарот.Во првите години по Првата светска војна болницата ги испраќала анемичните и неухранети деца во конаците на Лешочкиот манастир, каде биле третирани со посебна нега и под редовна контрола на бановинскиот лекар. Услугите во ова негувалиште биле безплатни.Целокупната куративна медицина во Тетово меѓу двете светски војни може да се сведе на оваа окружна државна болница. Таа служела како општа болница без специјалистички оддели а се лекувале и болни со заразни болести, како туберкулоза, венерични болести, женски болести а се изведувале и мали хируршки зафати.

По одењето на странските мисионерски лекари и по смртта на д-р. Јован Димитриевиќ, во неа по хитно барање на тетовската општина е назначен д-р. Красојевиќ, кој несреќно загинува враќајќи се од својата редовна работа во Лешочкиот манастир. Кратко време по смртта на д-р. Красојевиќ бил назначен д-р. Дуварис. Во 1921 година за управник на Окружна болница е назначен д-р. Милош Јаковељевиќ[605]. Како окружен физикус во 1921 година фигурира и името на д-р. Стојан Стефановиќ[606].

Од 1923 до 1925 година на негово место доаѓа д-р. Аранѓеловиќ од Аранѓеловац од Србија. Него го заменува д-р. Јован Петровиќ[607]. Како околиски лекар во Тетово работел од ноември 1924 до јуни 1925 година кога преминува со работа во Окружната болница и нејзин управник останал се до април 1941 година, односно до почетокот на Втората светска војна.

Околиската и општинската здравствена служба имале улога на превентивна дејност. Во Околиската болница во 1924 година имало двајца вработени и тоа управник економ Јанаќије Давиниќ и бабицата Мара Тодоровиќ.

Во Тетово функционирала и Околиска санитетска управа како претходница на Домот за народно здравје, со превентивна дејност. Ваквиот вид на здравствени установи работеле самостојно биле директно подпаѓале на Министерството за здравство[608]Во неа работеле, како в.д. шеф д-р. Драгомир Кресовиќ и во тој склоп како шеф на Санитетската управа на долнополошкиот срез фигурира името на д-р. Јохан Јоханезон.

Со отворањето на Домот за народно здравје во 1928 година започнато е со планска превентивна медицина во Тетово и околијата. Домот е во склопот на Заводот на тропски

[605] Алманах за 1921/22 Краљевине СХС, Београд, 1922, II – 7/312 – 313. Роден е во Галичник а своето медицинско образование го завршил во Бордо, Франција во 1920 година. Во својата блескава кариера бил професор и декан на Медицинскиот факултет во Скопје а се истакнал со публикување на голем број на стручни дела. Во Тетово работел до 1923 година, каде што ја вршел и дејноста на околиски(сремски) лекар. Народот го паметел како вистински народен лекар и хуманист кој особено помагал на сиромашните.

[606] Истото.

[607] Тој бил роден во Неготин, Србија а дипломирал на медицинскиот факултет во Лион, Франција во 1924 година. Во својата повеќегодишна работа овој лекар се покажал како добар организатор и тесно соработувал со околиската и општинската здравствена служба.

[608] Душан Антић, Превентивна медицина, Споменица...цит. дело. 769.

болести во Скопје, кој од 1929 година се вика Хигиенскиот завод[609].Домот започнал да работи под раководство на еден од најеминентните лекари но и личности кои воопшто работеле во овој крај, а тоа д-р. Никола Николиќ[610]. Домот за народно здравје бил сместен во т.н. Декерови бараки од германски тип како и една обична преградена барака со следните одделенија: Детски диспанзер со школска поликлиника, кожно-венерична амбуланта, маларична амбуланта, мала лабораторија, постојна изложба од здравсвено-едукативен карактер и купатило со 10 тушеви.Лекарите од детскиот диспанзер работеле и како професори по предметот "Хигиена" во тетовската гимназија. Во останатиот дел на Домот имало две медицински сестри, една бабица, еден лаборант и еден дезинфектор, како и економ.

Уште во 1925 година Градското Поглаварство од Тетово, распишало конкурс за прием на Општинска бабица[611]. Како прва бабица во Тетово била Перса Тасевска Бабица, потоа, Марија Тодоровиќ, од 1938 до 1942 година била Марија Јовановска Северинова, потоа Левкин Јованка исто дипломирана бабица и др.

Лабораторијата била скромно опремена и во неа се вршеле најобични анализи за сузбивање на заразните болести.Домот располагал со свое возило, автомобил со помош на кој се одело на терен низ околијата.Еднаш годишно вршена е вакцинација против Големи сипаници, како во градот така и во селата, но таа задача повеќе ја вршел околискиот лекар.Домот под раководство на д-р. Никола Николиќ организирал хигиенски изложби и одржувал хигиенско-едукативни предавања за заштита од болестите.

Д-р. Николиќ во Тетово останал се до 1934 година а на неговото место е назначен д-р. Радомир Марковиќ[612], д-р. Фрида Паштровиќ со потекло од Србија во домот се грижела за заштита на детското здравје и здравјето на жените, д-р. Константин Барановски со потекло од Русија завршил медицински факултет во Петроград[613],Д-р. Павле Жидков[614] од донската област во Русија.

---

[609] Истото, 769 - 770.

[610] Никола Николиќ е роден во Барзања крај Дувно во Босна и Херцеговина, медицинските студии ги завршил во Грац, Австрија, во 1924 година. До 1928 година бил лекар во Нова Градишка а од таму во Тетово, каде ја вршел должноста на управник на Домот за народно здравје се до 1934 година. Успешната кариера му започнува во Тетово, за време на Втората светска војна станува народен херој а по војната е универзитетски професор, еминентен научник со многу трудови и висок функционер во тогашната СФР Југославија.

[611] ДАРМ, Одд. Тетово, Градско Поглаварство Тетово (1919 – 1941), Ф. Бр. 21, 143, 144/30 – 344.

[612] Д-р. Марковиќ бил родум од околијата на Јагодина во Србија, а медицински факултет завршил во Виена. Од 1928 година работел во Домот за народно здравје како лекар до 1934 година кога станал негов управник. Како управник на домот останал се до 1941 година кога поради војната бил принуден да се врати во родниот крај, каде што набргу после војната починал.

[613] ДАРМ, Одд. Тетово, Кредит-информ, цит. фонд, досие бр. 009.Како руски емигрант Барановски во Тетово е поставен на работа во 1932 година. Тој посебно се ангажирал во борбата против венеричните болести и раководел со лабораторијата. На ова место работел се до пред Втората светска војна кога починал.

Од страна на државната здравствена институција во рамките на Домот на народното здравје назначувала и еден лекар задолжен за тетовската околија, наречен Срески лекар. Една од најважните задачи на срескиот лекар била да го следи спроведувањето на санитетското законодавство, кое предвидува унапредување на народното здравје. Од 1926 до 1941 год. како срески лекар работел д-р Обрад Ристиќ. Неговата задача била да врши здравствени статистики и да се грижи за административната работа со периодично излегување на терен. Срескиот лекар учествувал во заедничките акции на вакцинирање за совладување на заразните болести кои биле доста распостранети како што се Пегавиот тифус, Стомачниот тифус, Маларија, Дифтерија и др. болести.

За работниците постоел Окружен уред за осигурување на работниците со седиште во Скопје и 30 свои експозитури. Една од нив била во Тетово. Ја нарекувале уште и уредска служба, каде што нејзините услуги ги користеле осигурениците и тоа како први од нив вработените во градската управа. Градот имал мал број на осигурени работници а најголемиот број од нив, околу 400, биле во монополската тутунска станица. Во 1928 година, во Тетово имало вкупно 905 осигуреници[615]. Познато е дека оваа уредска служба ја водел хонорарно д-р. Обрад Ристиќ, кој воедно бил и срески лекар.

Општинската здравствена служба во Тетово меѓу двете Светски војни започнала да функционира во 1918 година. Како прв општински лекар бил д-р. Џафер Сулејмани. На располагање имал една соба за прегледи и една соба за чекална. Лекарот располагал со наједноставен инструментариум. Д-р Крсто Данчески, роден во Тетово е вториот општински лекар. Крсто Данчески, медицинските студии ги завршил во Виена, каде што стекнал одлично медицинско знаење. Крсто на ова работно место бил се до својата трагична смрт од неизлечлива болест во 1933 год.Д-р Крсто Поповиќ Херцеговац, работел две години во Тетово а по него дошол Глигур Евчески, роден во Тетово а своите медицински студии ги завршил во Белград. Се одликувал како добар дијагностичар. Отпрвин работел како приватен лекар а потоа извесно време и како општински лекар.Д-р Ристо Трифуновски Брезјанин, роден тетовчанец е уште еден од лекарите во општинската здравствена служба. Дипломирал во Букурешт со највисока оцена 10+ т.н. magna kum lauda[616]. Од 1938 година, како нов општински санитетски референт бил назначен д-р Симо Петровски Јогун[617].

---

[614] Досие на Д-р. Павле Житков, НО на Општина Тетово, приватна архива на Б. С. Жидковмедицинскиот факултет го завршил во Белград во 1929 година. Како лекар во Домот работел од 1934 до 1943 година, потоа во Гевгелија а по војната повторно се вратил во Тетово и работел како детски лекар и на вакцинација на децата.

[615] Цветковска Надежда, Социјалното осигурување во вардарскиот дел на Македонија (1918 - 1929), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 2004, 121.

[616] Во Тетово започнал отпрвин со приватна пракса а потоа во 1936 година бил избран за општински лекар. По една година се преместува во интерното и заразно одделение во

Периодот меѓу двете светски војни е карактеристичен по развојот на здравствените институции, во кои работеле истакнати лекари со стручна наобразба од угледни европски универзитети. Сепак капацитетите на овие здравствени установи не успеале да ги задоволат целосно потребите на населението од Тетовската околија, со што истите се соочувале со недостиг на болнички кревети и дополнителен број на лекари.

Покрај овие постоечки служби во градот во кои работеле навистина еминентни лекари кои студирале во универзитети со светско реноме, во Тетово работеле и приватни лекари: д-р. Михаило Раткиниќ, д-р. Јосиф Ковач, д-р. Симо Петровски Јогун[618], д-р. Панче Стојановиќ, д-р. Јован Петровиќ и др. Според еден новинарски запис од 1935 година во Тетово во тој момент имало вкупно 8 државни, самоуправни и приватни лекари[619], а истата состојба била и во 1939 година, кога покрај осумте лекари имало и средно медицински кадар - 2 и медицински персонал - 12[620]. Тоа е всушност максималниот број на лекари со кој градот Тетово располагал во триесеттите години на 20. век.

Стоматологијата во Тетово се јавува мошне доцна и таа се поврзува со работењето на две личности во градот и тоа Сима Мојсиќ, кој најпрвин бил бербер, а потоа по одењето во Романија го изучил "забарскиот занает", како што во тоа време се гледало на тоа во Тетово[621] и сопругата на рускиот поп Константин Глаткиј, Вера Глаткаја, која како забарка дошла исто така од Русија[622].

Скопската државна болница, каде гради мошне успешна кариера. Познат е по својата стручна и публицистичка дејност а е учесник на голем број на симпозиуми. Тој прв пат пред тетовската јавност стручно ја обелоденува здравсвената слика на тетовскиот крај со текст и табеларни прикази во весникот "Глас Пологa" а држел и разни предавања за заштита од болестите, на јавни места во градот.

[617] Глас Пологa, Тетово, 05. 03. 1938, 3.

[618] Роден во Тетово, завршил медицински факултет во Белград во 1933 год. Тој прв меѓу приватните лекари давал и вакцини против дизентерија и други болести. Мошне често негови написи од областа на здравството и здравото живеење се среќавале во списанието "Глас Пологa" а исто така држел во градот и јавни предавања од оваа област. Како приватен лекар работел се до 1938 год. а од тогаш работел како Општински санитарен референт до почетокот на Втората светска војна, кога поради соработката со луѓето од Народно ослободителното движење бил прогонет од градот.

[619] Глас Пологa, Тетово, Како данас успешно лечимо плућну туберкулозу, 01. 06. 1935, 3.

[620] Општествен и стопански развиток на Тетовска околија, Околиски Одбор на ССРНМ - Тетово, Тетово, 1963, 20.

[621] Драго Симовски . . . цит. извор.

[622] Оливера Гиченко, Без враќање, Напредок, Тетово, 2009, 9.

Во периодот меѓу двете Светски војни и пред тоа, од Тетово и Тетовско произлегле и други лекари но кои својата медицинска пракса ја вршеле на други места и најчесто во други држави каде со својата работа оставиле неизбришиви траги во медицинската наука и пракса[623].

За време на Втората светска војна Тетово се најде под власта на италијанско-албанските окупациони власти.

Во тоа време, затекнатите болнички институции во градот продолжиле да работаат. Некои од лекарите биле принудени да го напуштат Тетово, некои од нив се вратиле во Тетово а некои пак се приклучиле кон народноослободителното движење.

Д-р. Ристо Брезјанин бил уапсен во Скопје и конфиниран во Тетово, за време на војната работел како приватен лекар и го помагал партизанското движење. Тогаш во Тетово работеле и д-р. Павле Жидков во болницата и приватно, д-р. Глигур Евчески и д-р. Милош Јаковлевски. Вторите двајца поради соработка со движењето биле интернирани во логор во Приштина.Вредно е да се забележи дека во НОБ сесрдно ја помагал и незавршениот студент во Виена, Јован Марковски. Во војната загина и Никола Штејн од Тетово, студент на медицинскиот факултет во Белград. Тој во тоа време работел во тетовската болница како

---

[623] Бранислав Светозаревиќ, Маја Закоска, Здравството во Тетово . . . цит. дело, 50 - 52.Д-р. Ѓорѓи Каламарас, бил роден во 1885 година. Бил промовиран за доктор во Берлин во 1909 година, а потоа бил долгогодишен лекар во Скопје. Во својата приватна пракса често доаѓал во Тетово по повик. Бил познат како одличен дијагностичар; Д-р. Петар Здравев, докторирал во Женева, Швајцарија а неговата специјалност била оториноларингологијата. После извесно практицирање во Швајцарија, започнал да работи во Скопје. По војната бил и професор на Медицинскиот факултет во Скопје и е автор на повеќе трудови од областа на оториноларингологија; Д-р. Јордан А. Павловиќ бил асистент на белградскиот медицински факултет во 1939 год., учествувал во НОБ а по војната станал началник на внатрешното одделение во скопската армиска болница а потоа на истата должност во Белград; Д-р. Милан Серафимовски, бил роден во Тетово а дипломирал за лекар на белградскиот универзитет. Во почетокот на 1941 почнал да работи како лекар во скопското село Арачиново. Учесник во НОБ а по војната се до својата смрт во 1966 година работел во Војната болница во Скопје; Академик Проф. Д-р. Мина Миновиќ бил роден на 20. 07. 1858 година во Тетово. Мина бил син на Стефан, печалбар кој работел во Крајова и Букурешт. Стефан имал 13 деца од кои три сина Мина, Никола и Стефан кој во Романија стекнале високи научни звања и изградиле големи кариери. Тие тројцата се здобиле и со академски титули во Романија а некои и во други држави. Мина завршил медицински факултет во Букурешт, Романија, со мошне висок просек каде што подоцна докторирал и предавал. Уживал глас на светски научник и стручњак по судска медицина. Неговите трудови се капитално дело од таа област во светот. Поради тие резултати станал академик на Романската академија. Починал во 1933 година; Проф. Д-р. Никола Миновиќ бил роден во Тетово во 1868 година. Бил професор по судска медицина во Клуж, а по смртта на неговиот брат Мина, станал професор на букурештанскиот универзитет. Бил автор на многу научни трудови. Починал во 1941 година во Букурешт. Никола во Романија е познат и по неговата задужбина, куќа-музеј на романската народна уметност и фолклор; Прим. д-р. Наум Георге бил роден во Тетово во 1894 година, своите медицински студии ги завршил во Букурешт со одбрана на докторска дисертација по педијатрија. Работел како професор на Медицинскиот факултет во Букурешт; Прим. Д-р. Александар Спасов, родум од Тетово, медицинскиот факултет го завршил во Софија и раководел со невропсихијатриското одделение на една од букурешките болници; Д-р. Славко Мисајловиќ од Тетово, штотуку дипломиран лекар на Медицинскиот факултет во Белград, починал во декември 1934 год.

медицински техничар. Меѓу лекарите кои лекувале борци во Тетово бил и д-р. Петар Атанасов[624].Во снабдувањето со лекови на тетовските партизани помагал аптекарот Жика Миљковиќ, кој бил зет на аптекарот Татеос Кандикјан и работел во неговата аптека[625].

Кон крајот на Втората светска војна постојните објекти на Бановинската болница биле запалени и уништени, така што по ослободувањето на Р. Македонија, новите здравствени власти во Тетово започнуваат со развој на здравствените организации, речиси од нула.Во ноември 1944 год, кога во Тетово влегуваат првите партизански ослободителни единици е формирана привремена воена болница, која била наменета пред се за лекување на борците. Целосниот состав на воената болница, не е познат. Само е познато дека извесен период во неа како лекар работел д-р. Јован Петровиќ. Во секој случај, оваа привремена болница која се покажала како неминовна работела краток период, по кој се создале услови за формирање на регуларни здравствени установи.

Здравствената дејност во Тетово по ослободувањето на вардарскиот дел на Македонија, одел по нагорна линија. Сепак, недостигот и неопходноста од вложување на финансиски средства во сите сегменти на општеството во разрушената држава од една страна и зголемената здравствена култура на населението во однос на триесеттите години, предизвикувале континуирана потреба од проширување на здравствените капацитети. Особено ова важи за педесеттите години кога Тетово е центар на Околија со околу 90.000 жители и кога започнал да се развива во индустриски центар со големите индустрискикапацитети. Според една статистика во 1952 година здравството во Тетово располагало со 14 лекари, 14 средно медицински кадар и 40 друг медицински персонал[626].

Во Домот на народно здравје Тетово, управник бил д-р Жидков Павле. Основна задача била амбулантното лечење. Во составот се наоѓаат: 3 амбулантни општи пракси и забна, школска, диспанзери анти ТБЦ, кожновенерични, детски, детско советувалиште и хигиенско-епидемиолошка станица. Персонал: 4 лекари со општа пракса, 1 педијатар, 2 стоматолози, 1 физиолог, 11 луѓе - средношколски медицински персонал, 15 останат медицински персонал[627].

Околиска болница Тетово, Управник: д-рГенадиев Ангел. Основна задача: амбулантно и болничко лечење. Во состват на болниците се наоѓаат оделениа: Интерно, инфективно, детско, гинеколошко, градно, гинеколошко-акушерска амбуланта и породилиште. Персонал: 2

[624] Николовски Боро, Прилози за историјата . . . цит. дело, 278.
[625] Истото.
[626] Општествен и стопански развиток на Тетовска околија, Околиски Одбор на ССРНМ - Тетово, Тетово, 1963, 20.
[627] Zbornik lekara i farmaceuta sa pregledom zdravstvene sluжbe FNRJ, Novi Sad, 1956, 201.

лекари со општа пракса, 1 интернист, 1 гинеколог, 1 педијатар, 1 физеолог, 1 магистер по фармација, 5 среднисти по медицина и 19 останат персонал. Број на постели 200[628].

Во периодот до 1950 година во Тетово работеле две градски аптеки. Раководители биле Мирко Богоевски и Ангелина Нешоска[629].

2.4 ЦРВЕНИОТ КРСТ И ДРУГИ ХУМАНИТАРНИ ДРУШТВА

Активностите на тетовскиот **Црвен крст** за прв пат се споменуваат во 1912 година односно како што тетовскиот поп Димо Саровски се сеќава: *след ослободувењето на турскиот јарем веднага образовахме дружество "Црвен крст"во град Тетово*[630]. Првото раководство на ова Друштво според него било: претседател - Софрони Хаџи Тодоров, благајник - Димо Саровски (Саров), и членови - Илија Симов Митрушевски, Јован Гребенаровски, Георги Младенов, Мане Захариев, Илија Герасимовски Мачурче и други сите од градот[631]. Званично, првиот граѓански пододбор на Црвениот крст на Тетово бил формиран на 28. 10. 1912 г.[632]. Меѓу првите акции на овој пододбор на Црвениот крст била помош на ранетите српски војници, создавање на импрвовизирана болница во кој набрзо се лечеле сите заразени од епидемиите кои се ширеле во виорот на Балканските војни. На болните *Друштвото им делело храна, огрев, лекови, ги плаќало лекарите и ги снабдувале при излегувањето од болниците со најважните потреби за пат.Собрани се околу 85.000 динари.*[633]

Во Првата светска војна продолжиле во континуитет активностите но со изменет состав[634]. Тетовскиот одбор го носел називот: *Срески одбор на државниот црвен крст - Тетово*[635]. Веднаш по војната, активностите биле поврзани со давање на помош на настраданите во неа. Подоцна Црвениот крст водел посебна грижа за сиромашните семејства во градот и околијата чиј број воопшто не бил мал. Оваа хуманитарна организација учествувала и во изградбата на јавни чешми во градот и во селата.

Црвениот крст со средства се обезбедувал од донации од поимотните граѓани, од Градското поглаварство, од меѓународната помош како и од организирањето на добротворни акции и од фондот на *Југословенскиот црвен крст*[636]. Како поуспешни акции на тетовскиот

---

[628] Истото, 201, 364, 370. Лекари со општа праксадо 1956 година биле: Ѓеровски Вукашин, Евчески Глигор, Герасимов Борис, Генадиев Ангел, Хаџихасани Зирап, Кичев Димитар. Специјалисти: Фила Анастас - гинеколог, Кировски Лазар – интернист, Жидков Павле – педијатар, Санто Војтех – радиолог, Кандикјан Љубомир – фармацефт, Казндикјан Поповиќ Вера, фармацефт, Нешоска Гичева Ангелина.
[629] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, цит. фонд, АК – 15, 47/232 – 243.
[630] ДАРМ, Скопје, Влада на НР Македонија, досие: Диме Саровски, Тетово, Писмо бр. 7243, 30.08.1946.
[631] Истото.
[632] Društvo Crvenog križa, Spomenica 1876 -1936, Beograd, 1936, 139.
[633] Истото.
[634] Глас Пологa, Тетово, бр. 261, 26. 03. 1938, 2; Истото, бр. 135, 26. 10. 1935, 3.
[635] ДАРМ, Одд. Тетово, досие бр. 218, Црвен Крст - Тетово, 01-34/1, 13. 07. 1963 год.
[636] Глас Пологa, Тетово, бр. 129, 15. 09. 1935, 4.

црвен крст за помош се сметаат оние кои биле наменети за настраданите од елементарните непогоди во селата на Вратничката и Шемшовачката општина како и на загрозените семејства во селата Јелошник, Волковија, Маврово и Ѓоновица и активностите на *Неделата на црвениот крст*[637].

Тетовскиот околиски (срески) одбор во 1929 година го подигнал објектот домот на црвениот крст кој и до ден денес ја има истата улога. Неговите вредни членови со сопствени средства и средства од од прилози на граѓаните во висина од 105.000 тогашни динари и дополнителни 75.000 динари од Главниот одбор на Црвениот крст го изградиле првиот таков објект на Црвениот крст во Македонија[638].

Најпознати активисти на Црвениот крст во овој период биле Гаљо Џорде, Јулијана Дојчиноска, Косара Атанасковиќ, Васа Богојевиќ, свештеникот Владимир Атанасовски, Александар Јовановски Јајчар, Томо Серафимовски, Боривое Нешоски, Трпе Глигориевски, Симо Момироски, Јордан Поповиќ, кој бил претседател на друштвото во средината на триесеттите години[639],свештеникот Андреја Јовановски и др. Тетовскиот црвен крст имал и свој подмладок, преку кого се организирале пропагандни активности на организацијата[640].

Во Тетово се наоѓало и седиштето на Долнополошкиот околиски одбор на Црвениот крст[641]. Во негова организација биле болничарските курсеви, прикажувани се и филмови за заштита на населението од разни природни и воени разурнувања и сл. Од еден извештај од 1939 година[642] се гледа недоволната организираност во тој период на овој Околиски одбор, пред се поради неактивноста на неговите раководители. Инаку истата година овој одбор покривал 14 општини со вкупно 420 членови[643] и 1231 ученик во 11 училишта подмладок[644].

За време на Втората светска војна, тетовскиот црвен крст, функционирал[645], но не се познати неговите активности.

По Втотата светска војна, во расположливата документација се вели дека Црвениот крст во Тетово *започнал да работи* во 1946 година под називот *Главен одбор на црвен крст за Македонија - Околиски одбор во Тетово*[646].

---

[637] Глас Полога, Тетово, недеља Црвеног Крста, 18. 09. 1937, 3; Истото, 02. 10. 1937, 3.
[638] Društvo Crvenog križa, Spomenica . . . цит. дело, 260.
[639] Црковен суд на православната епархија во Скопје, АК – 289, 1936 г., извештај за посетата на скопскиот митрополот Јосиф на Тетово бр. 4210, 12.04. 1935.
[640] Глас Полога, Тетово, бр. 109, Прослава дана црвеног крста у Тетову, 27. 04. 1935, 2.
[641] Јужна Србија, Извештај бановинског одбора о раду друштва Црвеног крста у Вардарској Бановини у 1939 години, Скопље, 1940.
[642] Истото, 52.
[643] Истото, 56 – 57.
[644] Истото, 70.
[645] ДАРМ, Одд. Тетово, досие бр. 218, цит. фонд.

2.5 СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ И ИНСТИТУЦИИ

Во недостаток на социјални институции, Македонците во градот уште многу одамна создале посебен механизам за заштита на најсиромашните сограѓани преку граѓанска солидарност.

Социјалната дејност на државните институции во првата половина на 20. век се на различно ниво, во зависност од системот во кој се развивале. Османлиското општество во фазата на своето распаѓање во Македонија и Тетово остава зад себе ниска социјална организација, која во поголемиот дел е хаотична и неорганизирана. Во овој период, градските власти, познато е дека давале извесна материјална помош на најзагрозените, како што се децата без родители. Така во една биографија на тетовскиот илинденец Александар Ристов Огњаноски – Гуле, кој бил роден во 1875 година, изјавил дека: . . . *со оглед да сум бил без родители а материјално сум стојел многу тешко така што сум добијал материјална помоќ од страна на тогашната општина*[647].

Во Османлиската држава, не постоеле законски прописи за работни односи. Работникот немал никаков документ за работниот однос. Односот меѓу работникот и работодавачот до 1912 година се засновал на чесност и правда[648]. Работниците, чираците и калфите се примале на работа со усмена спогодба. Чираците биле мали деца, па спогодбата се склучувала меѓу родителот на чиракот и мајсторот. Социјално-економските спротивности помеѓу мајсторите, калфите и чираците со текот на времето се повеќе се заострувале, впрочем османлиските власти во ваквите спорови секогаш излегувале на страната на мајсторите, а пресликувајќи ги ваквите правила, тоа се одразувало на целокупните односи во еснафот и градскиот начин на живеење[649].

Работниците се примани за рок од една година или половина година, вообичаено од Ѓурѓовден до Митровден. Така се плаќала и заработувачката, годишно или полугодишно. Работите најчесто се давале *на ѓутуре*. Најниската категорија, општи работници, надничари т.н. *аргати*, станувале се поброен слој. Тие работеле за дневница која однапред била договорена, без никакви права и работеле онолку колку што работодавецот има потреба од нив. Во градот постоело место покрај житниот пазар на *Бунар*, наречено *аргатница* на кое се собирале аргатите и тоа претставувало своевидна берза на физичкиот труд, каде што цената на дневницата (*ѓунделокот*) паѓала со зголемувањето на бројот на аргатите. Голем број на

---

[646] Истото, 01 - 34/1, 01.08. 1963

[647] ДАРМ, Влада на РМ, Илинденски пензии, АК – бр., Биографија на Александар Ристов Огњаноски (Гуле), 25. 11. 1951 г.

[648] Растко Пурић, Работнички југ, Немања, Скопље, 1937, 17 - 18.

[649] Јован Јанев, Историските и социјално-економските аспекти на еснафите во Македонија, ИНИ, Скопје, 2001, 140 - 141.

надничари не се појавувале кај аргатницата, туку работеле по повик на мајсторите и сопствениците на малите производствени капацитети во градот. Голем број од овие општи работници, оделе и на печалба, каде што се стекнувале со знаења по одредени струки. За работните односи не се расправало на ниеден форум. Во случај на спор едната страна се заколнувала во своето тврдење и со тоа спорот бил решен. Многу ретко Еснафот решавал за овие спорови. Најугледните претставници на еснафот, ги сослушувале страните во дуќанот, без седница и записник. Споровите биле многу ретки. Волјата на Мајсторот била неприкосновена.

Социјалната слика на Тетово се влошила уште повеќе со војните од 1912 до 1918 година, така што ниту во дваесеттите години социјалната слика не била драстично изменета. Тоа особено важело за условите во кои работеле занаетчиските работници, но ништо подобра не била состојбата и во ситните индустриски дејности и работниците во Тутунската станица. На пример во времето на српската окупација од 1912 – 1915 година во Македонија се спроведувани законите од Кралството Србија. Според одредбите на Законот за работниците од 1910 година, работниот ден во индустријата и занаетчиството изнесувал 10 часа, а во трговските дуќани 12 часа. За работниците под 16 години исто така работниот ден изнесувал 10 часа[650].

Дури по Првата светска војна во вардарскиот дел на Македонија, започнала организацијата на социјалното законодавство[651]. Според, Уредбата од 1919 година, работното време на работниците е смалено на 8 часа а според Законот од 1922 година, целокупното работничко осигурување било обединето со централниот уред во Загреб. Во Скопје е отворен окружен уред, под чии ингеренции било и Тетово. Сезонските работници и занатчиите го сочинувале најголемиот дел од од работничките осигуреници. За работниците постоел *Окружен уред* за осигурување на работниците со седиште во Скопје и 30 свои експозитури. Една од нив била во Тетово. Ја нарекувале уште и *уредска служба*, каде што нејзините услуги ги користеле осигуреницте и тоа како први од нив вработените во градската управа. Градот имал мал број на осигурени работници а најголемиот број од нив, околу 400, биле во

[650] Ристо Христов, Економско-социјалната положба на работништвото во Вардарска Македонија и во првите години на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (1919 – 1923), Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1980, 61.

[651] Надежда Цветковска, Социјалното осигурување во вардарскиот дел на Македонија (1918 - 1929), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 2004, 121; Ристо Христов, Економско-социјалната положба . . . цит. дело, 61. Првите уредби и закони во социјалното законодавство, на територијата на вардарска Македонија се донесени и спроведувани од 1919 и 1921 година и тоа Уредба за работилниците (1919 г.), Законот за инспекција на трудот (1921 г.) за осигурување на работниците (1922), за пензиско осигурување на службениците (1922) и со Уредбата за организација при посредување на работата и помош за невработените работници.

монополската тутунска станица. Во 1928 година бројот на овие осигуреници во Тетово изнесувал 905[652].

Во триесеттите години на 20. век, Тетово, бил меѓу поголемите градови во Македонија, а според сознанијата на Сојузот на градови на Кралството Југославија, како регионален центар на економските и културни дејности го завзема третото место на *на југот*[653]. Социјалната структура на населението зависела, меѓу другото и од бројот на вработените. Доминантна работна сила била онаа вработена во занаетчиските дуќани, во малиот број на производствени капацитети и трговијата. Споредувајќи го во бројки Тетово во однос на другите градови, се наоѓал меѓу оние каде што сиромаштијата не била толку изразена. Така на пример во градот во 1936 година имало 354 трговци и според бројот бил на четврто место во Македонија, по Скопје, Битола и Куманово[654], со 80 регистрирани угостителски дуќани, на шесто место[655] и со 486 занаетски дуќани на петто место во Македонија[656].

Новите услови, економските кризи, војните и други околности, довеле до појава на извесен број на бездомници. Така во Тетово, во 1936 година биле регистрирани 60 просјаци, 59 незгрижени малолетници и 13 старци без свои домови. Најголем дел од овие бездомници биле припадници на Ромската националност, а помалку од другите националности[657].

Според осигурениците на ОУЗОР[658], бројната состојба на невработените преку Берзата на трудот, (двата податока од 1936 година) во Тетово имло 1.323 вработени и 300 невработени кои бараат вработување. Според табелата на градовите од Вардарска бановина, Тетово според вработените од 17 поголеми градови во оваа бановина е на 8 место, а во однос на 9 градови во Македонија, Тетово го завзема 5 место, а според бројот на невработените на 6 место. Според бројот на население, Тетово во тој период било на 4 место во Македонија, со што може да се заклучи дека Тетово било меѓу градовите со помал процент на сиромашни граѓани[659].

Во триесеттите години на 20. век бројот на работниците во ситната тетовска индустрија броел од 500 до 600 вработени. Од кои најголемиот дел биле вработени во две индустрии:

---

[652] Истото, 123.
[653] Рад конгреса градова 1939, Комунална библиотека савеза градова Краљевине Југославије, Београд, 1939, 292. Кога се споменува терминот - *на југот,* во литературата од периодот меѓу двете светски војни најчесто се мисли на вардарскиот дел на Македонија, но понекогаш тој термин се однесува на некогашната Вардарска Бановина, која освен денешна Р. Македонија ја опфаќала и дел од територијата на јужна Србија и дел од денешно Косово.
[654] Растко Пурић, Работнички . . . цит. дело, 90.
[655] Истото, 92
[656] Истото, 93.
[657] Истото, 30.
[658] ОУЗОР, кратенка од Основен уред за осигурување на работниците.
[659] Растко Пурић, Работнички . . . цит. дело, 25.

Тутунската станица, околу 400[660] и во ТИАД околу 90. Сите други производствени капацитети во градот не ја поминувале бројката од 100 работници заедно.

Во дваесеттите и триесеттите години на 20. век, во Македонија, во поголмите градови биле формирани социјални одбори, одбори за зимска помош во соработка на поимотните граѓани, Црвениот крст и постоечките хуманитарни друштва, црковните одбори и институции како што се општините, училиштата и здравствените домови и сл[661]. Тие секоја година организирале хуманитарни акции за помош на децата во храна и зимска облека. Биле формирани училишни кујни, со еден до два оброци дневно. Интересно е тоа што целата хуманитарна работа, а дел и од социјалната ја организирале граѓаните и институциите и друштвата во рамките на општината, односно исклучиво по иницијатива и акција на луѓето од градот, а не и од државата.

Земјоделското училиште, распишувало огласи за лицитација за набавка на топла облека и обувки, за потребата на своите ученици во зимскиот период за своите посиромашни ученици. Така во септември 1933 година, објавен е оглас за лицитација за комплетна облека и обувки за 60 ученици на возраст од 14 - 18 години[662]. Во рамките на општината постоел *Фонд за помош на сиромашните* ученици, во кој со свои парични средства учествувале поголем број граѓани[663]. Тие фондови собирале пари од граѓаните меѓу кои најмногу се истакнувале некоиод поимотните граѓани [664] . Голема улога во прибирањето на средства за сиромашните, настраданите и болните во Тетово па и во регионот извршил локалниот весник *Глас Пологa.*

Во 1933 година тетовската црковна општина под претседателство на Сима Момировиќ, донела одлука за изградба на Дом за старци и изнемоштени лица и за таа намена донесена е одлука за основање фонд и предвидена сума од почетни 20.000 динари[665]. Оваа одлука, пред Втората светска војна не била реализирана.

Од 1923 година во Тетово била присутна и осигурителната компанија *Росија Фонсиер* преку својот застапник во Тетово, Илија Симов Митрушевски се до почетокот на Втората светска војна[666].

---

[660] V.B. Socijalni položaj monopolskog radništva u Makedoniji, Јужна Стварност, лист за културна питања Македоније, Тетово, бр. 1, децембар, 1939, 3.
[661] Истото, 76.
[662] Службени лист Вардарске Бановине, Скопље, 10. 09. 1933 г.
[663] Глас Пологa, Тетово, бр. 90, 15. 12. 1934, 3; Истото, бр. 91, 22. 12. 1934, 3; Истото, бр. 140, 30. 11. 1935, 4; Истото, бр. 141, 14. 12. 1935, 4; Истото, бр. 143, 21. 12. 1935; Истото, бр. 201, 23. 01. 1937, 202.
[664] Глас Пологa, Тетово, бр. 306, 04. 02. 1939, 1; Глас Пологa, Тетово, Зимска помоћ сиромашним ученицима, 13. 01. 1937, 6. Меѓу поистакнатите донатори на пари во Тетово биле: Стојадин Димитријевиќ, браќата Симо и Никола Момировски, Томе Серафимовски, Васа Богојевиќ и др.
[665] Вардар, Скопље, 26. 01. 1933, бр. 52, 2.
[665] Истото.
[666] ДАРМ, Скопје, Фонд бр. 908, Уставен суд, 448/1953.

По завршувањето на Втората светска војна, градските и околиски власти на Тетово се соочиле со сериозни социјални проблеми. Тие пред се биле резултат на војната. Стопанството речиси да го немало, а војната зад себе оставила, многу осиромашени семејства, деца без родители, уништени институции и инфраструктура и сл.

Во склопот на Градската општина постоел социјален одбор кој се грижел за решавање на социјалните проблеми во градот. Една од најважните задачи била секако, распределбата на прехранбените производи и топла облека. Заштита на деца без родители, воени инвалиди и нивните семејства, стари и изнемоштени и други социјално загрозени слоеви на општеството. Поверенството за социјални грижи, посветувало особено внимание за грижа и старателство на децата без родители, во рамките на своите можности. Тоа опфаќало, згрижување во домови[667], нивно образование и воспитување, а се формирале детски ресторани[668] и детски одморалишта, каде што овие деца биле сместени преку зимскиот и летниот распуст[669]. За тие намени, користени се, планинарските домови на Шар Планина, конаците на Лешочкиот манастир, некогашната летна вила на поранешниот народен пратеник Стојадин Димитриевиќ(ски) во село Порој, позната како *Столео Теќе*[670].

Одборот, подоцна Поверенството, водело грижа и за инвалидите[671] и старите лица. Особено внимание се посветувало на инвалидите од војната[672]. Во февруари 1949 година во градот започнал со работа и првиот старски дом[673]. Домот имал капацитет од 30 легла сместени

---

[667] Шар, Тетово, бр. 38, Работата и животот на детскиот дом *Тодор Ципоски Мерџан* во Тетово, 12. 05. 1949, 4.

[668] Истото, Во недела на свечен начин се отвори првиот детски ресторан во нашиот град, бр. 54, 29. 09. 1949, 3.

[669] Истото, Грижа за нашите деца, Во текот на овие три месеци во околијата ќе летуваат 1650 пионира, бр.43, 07. 07. 1949; Истото, бр. 43, Во текот на овие три месеци во околијата ќе летуваат 1650 пионира, 07. 06. 1949, 4.

[670] Истото, Како мина дочекот на новата година во Детскиот дом Мерџан, бр. 23, 06. 01. 1949, 4.*Питомците од детскиот дом Мерџан празникот Новата Година го сметаат како најголем празник за нив. За новата година тие се припремуваа и ја дочекаа со многубројни успеси како на пример: во учењето, културно-просветната работа, дисциплината, хигиената и друго. Делегатите кои што ги посетија питомците уште еднаш ја покажаа својата родителска љубов спрема децата на кои родителите паднаа за денешната слобода. Тие донесоа многубројни подароци како: учебни материјали, мали детски библиотеки, разни детски игри, разноврсни хранителни продукти и кондури од задругата Мишка*

[671] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16/773 779.

[672] Истото, АК -15, 64/ 374; 16, 32 – 41/ 57 – 66.

[673] Ј. К. Во Тетово се отвори Старски дом, Шар, Тетово, бр. 28, 10. 02. 1949, 1.*Во овој дом ќе се збринуваат сите стари и изнемогли кои се останати без заштита и средства за живот, баш оние лица за кои нема кој други да се грижи и ги помага. Сите лица кои ќе дојдат во овој дом ќе бидат социјално и хигиенски збринати; тие ќе бидат во чисто променети, секоја седмица окупани, во чисто ќе легаат, три пати на ден прописна храна ќе им се дава. Така тие лица нема повеќе што да мислат што ќе прават.*

во 4 простории. За старите и изнемоштени лица била обезбедена и редовна лекарска контрола[674].

Ова Поверенство, посебно се ангажирало околу згрижувањето на големиот број на бегалци, Македонци од егејскиот дел на Македонија, за време на граѓанската војна. Покрај обезбедувањето на домови на семејствата и самците, сместување на старите луѓе во старскиот дом, биле решавани и нивните здравствени проблеми, со обезбедување на бањско лечење, обезбедување на прехранбени продукти, огревно дрво до нивното вработување[675].

[674] Истото.
[675] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16, 27 – 31/ 45 – 56.

ГЛАВА III

СТОПАНСКИ ЖИВОТ

3.1 ЗАНАЕТЧИСТВО

Занаетите во Македонија до почетокот на Источната криза во 1876 година биле во еден замав. Од тоа време занаетчиството се соочувало со криза и промени. Нив ги предизвикале повеќе гео - политички и други влијанија [676] :1. Со ослободувањето на Бугарија, новоослободените српски региони, окупацијата на Босна и Херцеговина од Австро - Унгарија, значително влијаело врз намалување на внатрешниот пазар во рамките на Османлиската империја. Занаетчиите изгубиле традиционални пазари. Тоа посебно важело за ќурчискиот и казанцискиот занает кој имал извоз во Босна.2. Доселувањето на Муслимани од Босна и Санџак во Македонија, ја зголемувало конкуренција во некои занаети.3. Со подигање на железничката пруга Солун-Скопје-Митровица, некои трговски патни правци го губат своето значење во Македонија и Тетово останало надвор од железничките правци.4. Јавната несигурност во тој период уште повеќе се зголемила, особено на патните правци во западниот дел на Македонија.5. Значаен дел од селското население мигрирало во градовите и се упатува на занаетите, се зголемува бројот на занаетчиите а се намалува селското население кое е купец на занаетчиските производи.6. Споро и тешко применување на реформските закони во османлиското царство.7. Осиромашување на Турците како значајни потрошувачи.

Сето ова придонело и исселување на занаетчии од Македонија кои се занимавале со некои експортни занаети во Бугарија, Романија и Србија, потоа печалбарството во овие и други држави во Европа.

Имало појава на големо продуцирање на калфи во мајстори, бидејќи мајсторот плаќал толку малку што не можел да опстане калфата и останувал толку додека не го научи најнужното од занаетот, па веднаш после тоа отворале свои дуќани.

Овие влијанија делувале различно врз градовите во Македонија, како за целото занаетчиство така и за поедини занаети, што зависело од нивната геоградска положба, од богатството на околината на градот, од сообраќајните врски, од националниот состав на градот и околината, од степенот на јавната сигурност и т.н.

Некои занаети биле претежно во рацете на муслиманите како што се: табачкиот, пушкарскиот, налбатскиот, сарачкиот, ножарски и др. Според Тодор Геров, некои подоходовни занаети во Тетово на Македонците им биле одземени од рацете со терор а нив им останале

[676] Миливој М. Савић, Извештај инспектора Министерства народне правде, занати и индустрија у присајидењим областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 221 - 224.

понеблагодарните занаети како што биле абаџиството, срмаџиството, тенекеџиството, чевларството и некоја ситна трговска работа[677].

Важно е да се напомене дека занаетчиите плаќале многу мали порези како и царината за животните намирници била мала 11%, а општинска трошарина воопшто немало.

Традиционално занаетчиите се регрутирале од градското население или доселеници во градот. Кон крајот на 19. век, поголемиот број на машки деца, штом ќе завршеле трето или четврто одделение, нивните родители ги испраќале на занает[678], а тоа значи најчесто од нивната 10-та година, децата работеле и имале тежок живот. *Дуќан со еден чуек не издржуе*[679], па затоа работеле заедно браќа, татко со синови или ортачки.Слободното време на занаетчиите било мошне ограничено. Борис Ципа, ќуркчија кој го работел овој занает дури 78 години, за занимавањето со слободните активности вели: *Ја сум ја гледал само работата и не сум се интересирал за спорт и музика. Во саботите и неделите сме работеле по нивите*[680], или како што вели една тетовска поговорка: *У дуќан треба окршена нога да ти биде*, односно цело време да си во дуќанот, затоа што не се знаело, кога ќе дојде муштеријата.

Занаетлиите биле вредни, чесни при плаќањето, доверливи честити во приватниот и јавен однос и апсолутно не е познато пијанство и бадијалџење по кафеани, како за занаетчиите така и за нивниот подмладок. Занаетчиите биле слабо писмени, ретко воделе книги, ретко имало наобразба, освен верската.

Во првата деценија на 20. век, занаетчиите се помалку работале со нарачки а се повеќе складирале готови производи кои ги изнесувале на пазарот или пред нивните дуќани, што ги приближувало кон мануфактурната форма на производство[681].

Двете Балкански војни и Првата светска војна (1912 – 1918) предизвикале голема економска криза која особено се одразила врз занаетчиството во градот. По нивното завршување[682], воведена е многу поголема јавна безбедност. Дошло до исселување на еден дел од Турците и купување на поевтино земјиште и друг недвижен имот од страна Македонците. Со доаѓањето на чиновништвото и војската се јавиле нови потреби и зголемени стандарди на живеење кои во турскиот период не биле можни за христијанското население. Тоа го потикнало напредокот на одредени занаети во градот, а се појавила потреба и од дотогаш не постоечки занаети како што се браварскиот, електромеханичарскиот, модерни дрводелски,

---

[677] Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 18.
[678] Андрей Стояновь, *Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 39, 20. 06. 1891, 2.
[679] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 10. 2006.
[680] Борис Ѓорчески . . . цит. извор, 25. 10. 2006.
[681] Мишайков Д., Македония, . . . цит. дело, 39.
[682] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . цит. дело, 245 - 247.

молерски и сл. Животните потреби на новодојдените барале и занаети како кобасичарскиот, модернизирани месарски, слаткарски и други занаети.

До Балканските и Првата светска војна, занаетчиството било занимање исклучиво за мажите, но тогаш како и во администрацијата на градот се појавуваат и првите жени со занаети кои ги работаат надвор од својата куќа, тоа се првите т. н. *модискиња*, односно првите кројачи жени, *френк - терзи,* кои изработувале модерна облека - *ала франга,* според познати европски теркови.

Поттикнување на кројачкиот занает кој започнал да се развива при крајот на турскот владеење, односно т.н. френк-терзи, кои започнале да кројат според европската мода. Истото важело и за чевларите. Се подигале нови колски патишта и железници кои барале модернизирање на коларско-ковачкиот занает, потковувачкиот, сарачкиот (опрема за теглење на коњи) и др. занаети, додека некои занаети почнале да се намалуваат како што се мутавџискиот, свеќарскиот, абаџискиот, стариот коларски и др. Поради исселувањето на дел од муслиманите се намалиле и занаетите чии потрошувачи најчесто биле тие, како што се: казанџискиот, кујунџискиот, старо чевларскиот и др.

Животните намирници кои претходно биле евтини по 1912 година поскапеле, два до три пати, поради новите такси и царини градските трошарини, како што се шеќерот, грозјето, оризот, маслото и други.Со воведувањето на монополите, цигарите, хартијата, петролеумот, алкохолот и сл, поскапеле за два пати.

Пограничните места ја изгубиле трговијата со градови кои припаднале на други држави, меѓу тие е и Тетово[683]. Многу занаетчии од Тетово, во вторниците, кога било пазарен ден во Гостивар, оделе пешки или со коњи до таму, преку селскиот пат низ поднежјето на Шар Планина, со бисаги полни со производи. Поаѓале во два часот наутро и стигале во 8 часот во Гостивар. Поради доста помал број на занаетчии во Гостивар, тетовчаните, успешно ги продавале своите производи. Некои занаетчии од Тетово, поради помала конкуренција, се преселиле во Гостивар, на пример Ќирко Ќироски – столар, Димко Николоски – Колар, Атанас Аце Биљбиљоски – Колар, Томо Бељур – Кројач, Микаиљ Качар, како ковчегар (ковчези за свадба и качиња), Тодоровски Лазар – самарџија, Михајловски – самарџија, Јосиф Јосифовски – ќурчија, Коце Ласман имал дуќан во Гостивар, исто така и Ѓоце Исаески Качар и др[684]. Економската криза во првата половина на 20.век, речиси без престанок ги следела занаетчиите,

[683] Кузман Најденовски, Тетово во минатото како културно прсветен и стопански центар во Полог, Тетово, 95.
[684] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 08. 2006; 10. 09. 2007; 28. 12. 2007; 11.09. 2006.

а задолженоста се повеќе растела. Во 1935 година тетовските занаетчии на банките должеле над 3.000.000 динари[685].

Во првата половина на 20. век, занаетчиството останало доминантна стопанска гранка на Тетово. Во градот егзистирале околу 70 различни занаети, од кои во преку 60 од нив, работеле Македонците. Иако во овој период занаетчиството преживува повеќе стагнација отколку напредок[686], сепак и понатаму тоа претставувало главен егзистенцијален извор на тетовчани. Посебно тешки моменти занаетчиството преживувало по силниот продор на индустриските производи од западните земји, промената на границите и губењето на традиционалните пазари во склопот на Османлиското царство, војните и големите економски кризи во светот кои имале свое вијание и тука. Светските економски кризи кои започнале уште во 1925 година па траеле до средината на триесеттите години на 20. век ја покажале поврзаноста меѓу државните економии, што до тогаш не било така изразено. Освен тоа, за прв пат, се покажало дека државата може да има влијание во подобрувањето на приликите во економијата а со тоа и во занаетчиството[687]. Сепак, тогашното Кралство Југославија, поради големата застапеност од 80% на земјоделци во целокупното вработено население, државата ги запоставила занаетчиите со што нивната економска положба станала полоша од онаа на земјоделците[688].

Во Долнополошкото здружение на занаетчии со седиште во Тетово, кое опфаќало 71. 078 жители имало 485 регистрирани занаетчии, од тоа најголемиот број биле во Тетово. Пред почетокот на кризата, според една статистика во Тетово работеле 31 дрводелски дуќан, 21 абациски, 28 млекарски, 14 бојациски, 15 терзиски, 17 самарциски, 12 мутавциски, 14 часовничарски, 31 берберски, 24 потковачки, 48 чевларски, 33 месарски, 20 шивачки, 16 ќурчиски и кожарски, 15 јажарски и опаничарски, 11 казанциски, 11 коларски, 7 кујунциски, 25 лимарски, 51 пекарски, 15 чајџиски, 17 ковачки, 9 браварски и ножарски, 2 чибукчиски, 2 молерски, 13 јорганџиски, 24 волновлачарски и валавичарски др[689]. Во триесеттите години на 20. век, занаетчиите во Македонија најчесто не работеле со повеќе од 5% заработувачка[690].

Од статистичките податоци за 1933 година за вработените помошници и ученици во занаетчиските работилници во Тетово од 414 занаетчиски дуќани вработиле имало 196 без

---

[685] Бора Јосифовиќ, Тешко стање занатлија у Тетову, Вардар, Скопље, 13. 02. 1935, 2.

[686] Глас Полога, Тетово, Прослава занатског дана у Тетову, 07. 12. 1935, 4; Тетово има све услове да се развија, Политика, Београд, 05. 06. 1936, 11.

[687] Часлав М. Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Занатска комора у Скопљу, Скопље, 1934, 5 – 21.

[688] Истото, 11; Илија Симиќ, Занатство на издисају, Глас Полога, Тетово, 01. и 08. 05. 1937, 8; Илија Симиќ, Какве су прилике занатства у Вардарској бановини, и неколико речи о раду Занатске коморе у Скопљу, Глас Полога, 225, 17. 07. 1937, 2; бр. 226, 24. 07. 1937; Глас Полога, Тетово, Данас занат није златан, бр. 228, 07. 08. 1937, 1.

[689] Јаким Синадиновски, Некои општествено-економски . . . цит. дело, 89.

[690] Часлав М. Никитовиќ, Занатство . . . цит. дело, 14 - 19.

помошник односно калфа, 43 биле со по 1 помошник, 9 со 2 помошници 1 со повеќе помошници, 14 квалификувани работници мајстори или вкупно 70 калфи и мајстори[691], додека ученици или чираци, од истиот број занаетчиски дуќани 196 немале ниту еден, 126 по еден чирак 25 со 2 чирака, 16 со повеќе или вкупно во сите работилници имало 240 чираци[692]. Покрај регистрираните имало и нерегистрирани занаетчии, нивни помошници и ученици[693]. Задолженоста на тетовските занаетчии во истата година, кон приватни банки, приватници и занаетчиската банка била 3.030.000 дин[694].

Поголемиот број на занаетчии живееле на работ на егзистенцијата, а многу од нив и целосно пропаѓале, особено за време на големите економски кризи и војните кои биле чести на овие простори[695]. Во 1935 година тетовското Здружение усвоило резолуција за спас на занаетчиството која ја испратиле до властите и до Здружението на занаетчии на Вардарска бановина[696]. Поевтините фабрички производи, превисоките градски такси биле дополнителен товар за сиромашните занаетчии.

Сепак, во овој период, занаетчиството го сметале за најсигурно занимање, бидејќи за време на војните, кога службениците немале од што да живеат па го продавале својот мебел и накит, занаетчиите успевале да заработат нешто *колку за парче леб*[697]. Токму затоа, родителите со задоволство своите ќерки ги мажеле за занаетчии, бидејќи нивната егзистенција била најсигурна, а за занаетчиите се велело дека *тој има алтан бизшик* (тур. - златни прсти)[698].

Најголема концентрација на занаетчиски дуќани имало на Бунар односно во центарот на градот, Горна Чаршија, на денешните улици "*Страшо Пинџур*" и "*Т.Ц. Мерџан*", на "*Масларски пазар*"во близина на денешниот плоштад и "*Јемиш пазар*" на ширината пред денешното Музичко училиште. Сепак некои занаети и трговски дејности биле сконцентрирани на одредени места[699], на пример: кујунциите и лимарите биле кај *Масларски пазар*, калајџиите во Горна Чаршија, пушкарите во туфекчиско сокаче (едно од некогашните сокачињата на ден. улица *Т.Ц. Мерџан*), качарите и столарите на *Т. Ц. Мерџан*, мутавџиите на *Скопски пут* (ден. улица *М. Тито*, кај хотелот *Македонија*), чевларите на *Т.Ц. Мерџан*, кројачите и басмаџиите најмногу ги имало на денешната ул. *Страшо Пинџур*, ковачите покрај ановите, мутавџиите и

---

[691] Истото, 20.
[692] Истото, 21.
[693] Истото, 95.
[694] Истото, 25.
[695] Илија Симић, Занатство ... цит. дело, 01. и 08. 05. 1937, 8, Илија Симић, Какве су прилике занатства у Вардарској бановини и неколико речи о раду Занатске коморе у Скопљу, Глас Полога, Тетово, 10 и 17. 07. 1937, 1 – 2; Глас Полога, Тетово, Данас занат није златан, 07. 08. 1937, 1; Др. С. Проблем занатства у Тетову, Глас Полога, Тетово, бр. 97, 02. 02. 1935, 1; Истото, бр. 98, 09. 02. 1935, 1.
[696] Глас Полога, Тетово, Прослава занатског дана у Тетову, 07. 12. 1935, 4.
[697] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 11. 2006.
[698] Истото.
[699] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006.

кројачите (терзии и абации) на Бунар во центарот, брашнарите исто во центарот пред Тутан џамија, самарџиите на *Масларскиот пазар*, калајџиите на улицата после *Масларски пазар*, јажарите и опанчарите во *Дар сокак* (тесно сокаче кај денешниот комплекс *Ловец*), механичарите, ножарите и кантари а некои поради карактерот на производството биле раштркани како пекарите кои ги имало во секое маало или табакааните, водениците и валавиците покрај реката Пена и тетовските јазови, низ целиот град.

Еден работен ден на занаетчиите и дуќанџиите во Тетово го опишува Драго Симовски (1920 – 2010), столар од Тетово, кој од својата 6-та година морал да работи во занаетчискиот дуќан на неговиот татко: *Чираџите стануваа во три часот наутро и одеа во куќите на калфите за да ги повикаат на работа и заедно до четири часот ги отвораа дуќаните а во пет часот, доаѓаа мајсторите. Речиси во сите дуќани имаше членови на семејствата од мајсторите. Така и јас во нашиот дуќан одев уште од 6 години. На дуќан се одеше со фенери. Пред да се почне со работа, низ чаршијата поминуваа симитчиите со табли на глава, плетени од пратови и со гласно викање ни ги нудеа симитите. Тука беа и салепчиите и лимунадџиите. Јас како син на мајсторот (сум морау намузот да о држим) морав да бидам пример за другите чираџии и калфи како треба да се однесуваме на работа и затоа, го поминував се она што го поминуваа и другите работници во дуќанот. Чаршијата работеше до 5 часот попладне без пауза. Тогаш мајсторот го испраќа чиракот во мајсторовата куќа да донесе ручек па сите заедно во дуќанот доручуваа.*

Во 1946 година, според занаетчиското здружение во Тетово егзистирале 43 занаетчиски дејности, со вкупно 372 дуќани: абации – 6, бербери 29, бозаџии – 4, бојаџии – 3, валавичари – 3, велосипедџии – 3, воденичари – 9, волновлачари – 10, грнчари – 1, електричари – 2, јорганџии – 1, јажари – опинчари – 16, калајџии – 8, качари – 5, касапи – 11, кечеџии – 4, ковачи – 18, кожари – 3, колари 19, чевлари – 45, кујунџии – 8, фурнаџии – 20, леблебеџии – 5, механичари – 7, метлари – четкари – 1, млекари – 8, мутавџии – 2, наланџии – 6, налбати – 12, кожари – 3, графичари – 2, часовничари – 10, самарџии – 14, сарачи – 6, слаткари – 9, фотографи – 3, столари – 12, лимари – 13, терзии – 2, трикотажа – 1, трукераи – 1, ќурчии 3, шивачи 24[700].

Според прегледот на приватните занаетчиските дејности во 1949 година[701] во градот Тетово биле регистрирани 41 дејност со вкупно 538 занаетчиски работници и тоа: абации и терзии – 19 (мајстори 11, калфи 5, чираци 2); бојаџии – 6 (м.4, к.2); бравари – 4 (м.2, к.1, ч.1); бербери – 40 (м.22, к.16, ч.2); велосипедчии – 5 (м.4, ч.1); валавичари – 4 (м.2, ч.1); волновлачари – 21 (м. 9, к. 10, ч.2); воденичари – 24 (м. 12, к.12); кујунџии – 11 (м.8, к.3);

[700] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК – 17, 31/283, 284.
[701] Истото, АК – 14, 24/98.

качари – 13 (м.5, к.7, ч. 1); кројачи – 31 (м.11, к.8, ч.12); ковачи – 55 (м.21, к.18, ч.16); колари – 49 (м.17, к.18, ч.14); калајџии – 4 (м.4); казанџии – 9 (м.7, к.2); кечеџии – 4 (м.3, ч.1); кондураџии – 29 (м.18, к.8, ч.3); механичари – 2 (м.2); мутавџии – 14 (м.12, к.1, ч.1); ножари – 8 (м.5, к.1, ч.2); наланџии – (м.12, к.1, ч.1); потковувачи – 32 (м.14, к.12, ч.6); столари – 18 (м.6, к.5, ч.7); ситари – 17 (м.5, к.5, ч.7); самарџии – 8 (м.8); саатчии – 13 (м.10, к.3); сарачи – 19 (м.10, к.4, ч.5); тенекеџии – 15 (м.12, к.1, ч.2); трикотери – 2 (м.2); ќурчии – 6 (м.6); фотографи – 4 (м.3, к.1); грнчари – 3 (м.1, к.1, ч.1); папуџии – 2 (м.1, к.1); содаџии – 1 (м.1); четкари – 3 (м.1, к.1, ч.1); трукераи – 1 (м.1); јорганџии – 3 (м.1, к.1, ч.1), чистачи на чевли – 13 (м.13); детска конфекција – 7 (м.1, к.2, ч.4); лебари – пишеречии – 1 (м.1); и леблебџии – 12 (м.6, ч.6).

Карактеристично за првите пет години по Втората светска војна за занаетчиството во Тетово, како дел од општата политика на социјалистичкото уредување, со политички одлуки доаѓале до формирање занаетчиски задруги и стопанства. Таквото окрупнување некаде дало резултати и задругите прераснувале во фабрики, а некаде задругарството во некои гранки не довело до позитивни ефекти.

Иако и во педесеттите години во Тетово биле регистрирани околу 500 занаетчиски дуќани[702], конечниот удар врз занаетчиството како главна стопанска дејност во градот е зададен во овој период. Имено, државата превзела низа мерки кои директно влијаеле на таквата состојба. Прва од нив е национализацијата на недвижниот и движниот имот на поимотните занаетчии, конфискацијата, и формирањето на занаетчиски задруги во кој се здружувал имотот на некогашните занаетчии. Некои од овие задруги, понатаму ќе бидат основа за прераснување во производствени претпријатија, како и изградбата на големи индустриски капацитети. Најголемиот број на занаетчии родени во дваесеттите и триесеттите години, веќе во педесеттите години биле вклучени во индустријата, дел од нив се преквалификувале, но дел го продолжиле своето образование и станале носители на новиот општествен и стопански поредок во градот и државата.

Отворањето на фабриката *Тетекс*[703] во 1951 година и вработувањето на повеќе илјади работници во неа, и фактички и симболично го означува крајот на доминантноста на занаетчиството како основна стопанска и егзистенцијална гранка во Тетово. По 1950 година во градот се отвораат повеќе индустриски капацитети и со тоа занаетчиството иако продолжило да егзистира имало симболична улога во целокупното производство.

Во првата половина на 20. век, занаетчиството не било само доминантна стопанска дејност. Занаетчиите заедно со трговците ја сочинувале чаршијата и во неа се создавале и

[702] Боро Јосифовски, Стари занати у Тетову још су се очували, Политика, Београд, 07. 03. 1955, 7.
[703] Томе Серафимовски, Јован Павловски, Teteks Tetovo 1951 – 1971, "Т.Ц. Мерџан" и Работнички универзитет Тетово, 1971.

негувале специфичните морални норми, како производ на тогашниот начин на живеење, кој доминирал, покрај верата во целокупниот живот на градското население. Од овој слој на граѓанството потекнува и градската интелегенција но и познати револуционери и политички и општествени и национални дејци.

Занаетчиите биле здружувани во *еснафи*. На економски план, во првата деценија на 20. век, Тетово чувствува извесен застој, поради Илинденско востание и Младотурската револуција. Така после Илинденското востание, во градот престанале да функционираат градските еснафи, кои претходно го достигнувале бројот од 16 до 17 еснафи[704]. Еден од тие еснафи, терзискиот, во почетокот на 19. век го споменува Кирил Пејчиновиќ, од кој добил значителна помош за возобновениот Лешочки манастир[705]. Во поменикот на Кирил Пејчиновиќ од првата половина на 19.век се споменуваат и Самарџискиот еснаф и Керамидџиите од Тетово[706]. Овие еснафи речиси прекинале со својата работа по Илинденското востание во 1903 година, откако османлиските власти не толерирале било какви појави на здружување на Македонците[707]. Во 1909 година имало само два активни еснафи во градот: мутавџискиот и градинарскиот[708]. Нивното обновување во периодот меѓу двете светски војни било споро и иако тие формално постоеле нивната активност се сведувала на заедничките прослави на еснавските слави[709] и во поретки прилики да вршат контрола врз помладите калфи и чираци[710]. Сите надлежности од еснафите се пренесени на занаетчиското здружение.

Занаетчиите во градот, уште од дамнина ги превземале обврските кон црквата, со што еднаш годишно или по потреба се организирале за поправка или проширување на верските објекти. Тие со задоволство го посетувале Лешочкиот манастир и некои од нив имале свои одаи во манастирските конаци, што всушност било пракса во повеќето македонски манастири[711]. Во манастирите и други места се организирале излети, *теферичи*, на трошок на мајсторите и калфите, на кои се доделувале и новите звања во еснафите[712].

Еснафите по 1918 година ги нарекувале и задруги. Во овој период е основано *Занаетчиска комора* или здружение која ги обединувала сите занаетчии, а во 1938 година изградиле и *Занаетчиско - задружен дом*[713]. Комората била поделена на еснафи. Таа институција ги штителa интересите на занаетчиите и еснафите или задругите, ги информирала

---

[704] Д. Мишайков, Македония в икономическо отношение, София, 1916, 39; Според Селишчев, во Тетово во 90-тите години на 19. век, имало 13 еснафи. А.М. Селищев, Полог и . . . цит. дело, 18.
[705] М. А. Селищев, Полог . . . цит. дело, 149.
[706] Илија Петрушевски, Борис Момироски, Лешочкиот манастирски поменик, Тетово, 2010, 55, 129.
[707] Истото.
[708] Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској области, Братство, Београд, 1938, 15.
[709] Глас Пологa, Тетово, Слава обуќара у Тетову, 28. 12. 1935, 3.
[710] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит дело, 264.
[711] Борисав Арсиќ, Социјалне формације у Повардарју, Луч, Скопље, бр. 2-3, 01.08.1937, 77.
[712] Истото.
[713] Глас Пологa, Тетово, Освећен је занатско – задружни дом у Тетову, бр. 271, 04. 07. 1938, 1.

за законските и други промени, ги претставувала пред другите градски, окружни, бановински и државни комори, организирала разни занаетчиски собири, но и покренувале различни иницијативи, како што е занаетчиската резолуција составена заедно со стопанските фактори од градот за покренување на акции за оживување на стопанството во тетовскиот регион преку изградба на значајни инфраструктурни објекти, како нови патишта мелиорации, водоводи, училишни објекти и други зафати. Занаетчиското здружение организирало и занаетчиски забави, со кои, меѓу другото се собирале значителни средства за помош на осиромашените занаетчии[714].

По иницијатива на Занаетчиската комора во градот било отворено и Занаетчиско вечерно училиште и Женското занаетчиско и домаќинско училиште[715]. Како за пример, во 1933 година во тетовското Занаетчиско училиште учеле 200 ученици а им предавале 9 наставници. Годишниот буџет на ова училиште бил 28.885 дин.[716] Женското занаетчиско училиште содржело понизок тригодишен и повисок петгодишен курс[717].

Во Тетово се наоѓало и седиштето на *Окружниот одбор на занаетчиските здруженија,* формиран 1933 година и ја опфаќал територијата на која делувале занаетчиските здруженија во Тетово, Гостивар, Кичево и Галичник. Окружниот одбор работел преку редовни и вонредни седници и ги застапувал интересите на занаетчиите од гореспоменатите места во северозападна Македонија.Занаетчиското здружение формирало и своја ***Занаетчиско-набавна потрошувачка задруга*** и ***Кредитна задруга,*** за заштита на интересите и помош на занаетчиите. Во Регистерот на издадени работнички книшки, во рамките на Тетовската здружение на занаетчии, во 1939 година биле регистрирани 526 членови. Тетовската занаетчиска управа била во состав: Јован Трифуновски - воденичар, Михајло Милетиќ - чевлар, Ецо Тодоровски - кројач, Ѓорѓе Шурдиќ - пушкар, Петар Х. Иљоски - столар, Стефан Јовановски - чевлар, Ѓорѓи Митрушевски - циглар, Симо Митрушевски - слаткар[718].

Абаџии. Абациското занает бил поврзан и со домашното производство. Имено поголемите тетовски трговци купувале поголемо количество на волна и го давале по тетовските куќи да се направи од неа клашни. Од изработените домашни клашни или шајаци, абаџиите изработувале: чакшири, минтани, елеци, гунчиња, зубани капути и др., а пред и по

[714] Глас Пологa, Тетово, Занатлијска забава, бр. 251, 15. 01 1938, 2; Глас Пологa, Тетово, Занатлијска забава, 06. 03. 1937, 3; Глас Пологa, Тетово, 15. 01. 1938, 2; Истото, бр. 141, Прослава занатског дана у Тетову, 07. 12. 1935, 4.
[715] Глас Пологa, Тетово, бр. 231, 28. 08. 1937, 3.
[716] Часлав М. Никитовиќ, Занатство . . . цит. дело, 137.
[717] Јаким Синадиновски, Некои општествено-економски . . . цит. дело, 90.
[718] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 280, Окружен одбор на занаетчиски здруженија во Тетово за околиите Горнополошка, Долнополошка, Кичевска и Галичка,Тетово (1933 - 1941), Кн - 1.

Илинденското востание изработувале комитска униформа од бели клашни, чарени со црни гајтани: чакшири, минтани, џамадани, елеци, тозлуци – завијачки и сл[719].

Во првата деценија на 20. век во Тетово имало 10 македонски абациски дуќани. Од нив 6 имале по еден калфа и можеле да заработаат 8 до 10 гроша на ден. Секој занаетчиски дуќан изработувал од 1.000 до 2.000 чакшири годишно. Мајсторот до 1912 година можел да заработи тогашни 1.000 до 1.200 динари српски, бидејќи работеле доста за Мала Азија на тој начин што одејќи на печалба таму, тетовските бозации купувале чакшири, таму ги носеле и ги продавале[720]. Пред ослободувањето на Бугарија, голем број на абациските производи се извезувале и на тој пазар[721]. Со Балканските војни оваа трговија се запрела. Тетовските абации сукното најмногу го набавувале од Галичник. Во градот имало специјализирани абации како на пример за женската селска носија од Долни Полог, наречена *белокрпка*. По војната се формирало абациско претпријатије, кое мошне кратко функционирало[722].

Бербери. Пред 1912 година во Тетово имало 3 македонски, од кои едниот работел и како забен техничар, и 80 турски бербери. Македонците можеле годишно да заработаат до 1.000 тогашни српски динари[723].

Интересно за овие занаетчии што во слободното време свиреле и пееле старогратски песни со што давале свој придонес во негувањето на македонската народна песна. Меѓу нив најпознати биле Гиче Бојациев Берберот, Сане Брадина, Панче Димитриевски Берберот и др. Славата на нивниот еснаф била *Св. Кузман и Дамјан.* Освен оваа специфика, речиси во сите

---

[719] Кузман Најденовски, Тетово во . . . цит. дело, 39.Според Кузман Најденовски, во околината на Бурса се носела истата облека и поради тоа добро се продавала.

[720] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит дело, 134 - 135. Според Кузман Најденовски, во околината на Бурса се носела истата облека и поради тоа добро се продавала.

[721] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 38.

[722] Абации: Лазо С. Аврамовски (работел од 1908 до 1959 г.), Ристо Аврамовски (работел до 1949 г.), Виќентие Апостоловски (почнал со работа од 1920 г.), Виктор Апостоловски Шуте, Сане Апостоловски, Александар Анастасиевски, Никола Аврамовски, Томо Аврамовски, Пано Аврамоски, Мио Анѓелковски, Боро Гавровски (од 1926 г.), Велчо Гавриловски (од 1928 до 1954 г.), Никола Гоговски, Ноне Грнчар (од крајот на 19. век), Глигур Ѓеровски, Велко Златановски, Јован Јововиќ, Тоде Јовановски Бојација, Ристо Јовановски (Ице Јогунче), Димитрије Јовановски, Благоја Ј. Јовановски, Воислав З. Јосифовски, Неделко Јефтиќ (од 1924 до 1936 г.), Сибин Јефтиќ (од 1923 г.), Коце Какардак, Тодор Миловски (1931 до 1941г.), Симо Т. Милевски Вртеж, Петре Мишовски (изработувал македонски црни капи од јагнешка кожа), Никола Младеновиќ (од 1911 до 1959 г.), Алекса Мисајлоски (уште од крајот на 19. век), Спиро С. Михајловски, Димитрија Николовски, Митар Недељковиќ (од 1926 г.), Милан Недељковиќ (од 1935 г.), Методија Неделковиќ, Цветан Ч. Наумовски, Лазо Сароски (уште од крајот на 19. век), Димче Ј. Стојчески (Диме Шалтан), Аце Савиќ, Глигорие Србиновиќ (Ѓиго Србинче), Димитрија Станковски, Лазар Спиров Јарма, Ане Стефановски Черенко, Томо Симовски Јарма, Тодор Серафимовски (Тоде Кашица, свој дуќан имал уште од 1920 г.), Диме Смиленкоски (1915 - 1949 г.), Спасоје Софтиќ (од 1925 г.), Милош Стојановиќ, Милош Станојевиќ, Ананија Стефановски (од 1919г.), Гого Трпчески, Гого Томиќ (свој дуќан од 1921 г.), Мисаил Тримчевски, Глигур Тасески, Мано Тасески, Младен Тасески, Никола Ципа, Петре Ќировски, Ане Ќиров - Ќензо, Гого Цветановски Сребрендирек (за белокрпките, како последен), и др.Во 1946, работеле 6 абации: Борис Гавроски, Гого Цветаноски, Митар С. Неделковски, Мито С. Јаневски, Вељо З. Гавриловски и Диме Ј. Стојчески[722].

[723] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 135.

берберници во градот во кафези се чувале песнопојни птици. Нивниот број во периодот меѓу двете светски војни заначително пораснал[724].

Бикмеции - Срмаџиство - златна бродерија или срмо-терзиство (тет. - бикмеџие). Бикмецијата е производител на бикме, а бикмето е вез – полнетица од златен конец – срма. Срмаџиството како занает во 19. век, го споменува и тетовчанецот Тодор Геров[725]. Овој занает цутел во Тетово, а бикмециите ја изработувале познатата тетовска женска носија во свила и срма. Оваа носија ја носеле со извесни варијанти и жените во Призрен па и Гостивар. Како уметничка и занаетчиска творба била интересна и за туристите кои го посетувале Тетово[726]. Тие ги везеле свилените чинтиање со бикме од срма (полнетица). *У Тетоо не се сеќаам Турци да биле бикмеџије, работеле све македонски мајстори*[727].

Бозаџии. Македонците во градот многу ретко се занимавале со бозаџиство[728]. Во 1946 година, од 4 бозаџии и сите биле муслимани (Турци или Албанци).

Бојаџии. Бојаџиите ги бојосувале ткаенините од свила, волна и памук. Тетовчаните бојадисувањето го нарекувале вапцање. Кон крајот на 19 век имало околу 20 бојаџии на волнена преѓа. По 1900 година функционирале 8 македонски бојаџиски работилници, кои покрај бојаџиството работеле и појаси. Во 1908 година имало само 6 дуќани[729]. Работата опаѓала, поради се поголемата примена на анилински бои од страна на домаќинките во домашното производство[730], така што во 1913 година останале само 3 бојаџиски работилници. Од овој занает, без продажбата на појасите, можело да се заработи до 400 динари[731]. Некои од

---

[724] Бербери: Милан Т. Апостоловски, Тихо Т. Ановски, Тихомир Т. Ананиевски, Илија Богдановски, Јован В. Божиновски, Стојан Берберот,Панче Димитриевски Берберот, Боро С. Закоски, Диме Здравковски Берберот и брат му Михајло Здравковски - Мице Берберот, Здравко Д. Здравковски, Сане Јовановски Брадина, учел занает во Франција, Ќирко М. Кочовски, Ќирило Т. Матовски - Ќире Берберот, Бранко С. Мирчевски Журчин, Драган Мисовски Бербер, Томо Мојсиќ и брат му Симо Мојсиќ, кој во Романија научил забарски занает и во Тетово работел како забар, Лазар А. Серафимовски, Ќирко Шикла, Ќирко Матовски, Ќирко Требош, Сане Трска, Владимир Поп Петровски, а женски фризери: Ѓиче Јованов Бојаџиев Берберот, Вељо Берберот, Димитрија Здравковски, Слободан Мојсовски, Душан Јаниќ, Александар Иванов[724], Боривое Г. Петровски, Трпко Н. Симовски, Јован Сиљановски, Александар П. Сиљановски, Љубиша Ц. Теодосиевски, Глигорие Трпкоски, Стефан Х.Томов, Драгољуб Ј. Тевдовски Докче и др. Во 1946 година, работеле 29 бербери од кои 8 Македонци: Панче С. Димитриевски, Диме Здравковски, Крсто С. Јовановски, Боро Јовановски, Мице Здравковски, Сане С. Димчевски, Слободан Мојсовски и Милутин Станковски[724].

[725] Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 18.

[726] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 40.

[727] Драго Симовски . . . цит. извор, 19. 02. 2007.Бикмеции биле Ѓеро Урош, Јоше Лепур, попот Димо Саров, Томо Шваба, Славе Герасимовски Мачурче, Сане Сиља и др.

[728] Се среќаваат двајца бозаџии со потекло од селото Палчиште, Елисие Николовски и Томо Исаевски, и други села: Јосиф Василевски, Грујо Димковски, Вељан Ѓерасимовски, Захарија Симњановски, Чедо Николовски, Воислав Сиљановски, и др.

[729] Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској области, Братство, Београд, 1938, 15.

[730] Миливој М. Савиќ, Извештај . . . цит. дело, 227.

[731] Истото, 137.

боите во Тетово имале свои термини според боите во природата: *орашкоа,вишњајлија, гугувкајлија* или *пепељаа, лимунлија, портокајлија, дуњајлио, ќирлио* и сл. Бојадисувањето на велигденските јајца и платната се нарекувало *вапцуење*[732].Во 1946 година, работеле само тројца бојаџии, од кои е еден Македонец, Миљан Савоски[733].

Бравари. Браварскиот занает е еден од најновите занаети и во Тетово се јавува по Првата светска војна[734]. Тие биле оранизирани во браварско – пушкарски еснаф[735].Во 1946 година, во градот работеле 7 бравари, од кои 4 Македонци[736].

Валавичари (тет. - Ваљајчари). Селското население во Полог, претежно се облекувало во домашни волнени производи. Во почетокот на 20. век и во градот се среќавале многу луѓе кои носеле таква облека[737]. Откако сукното ќе се изработело по куќите, потоа се валало во валавиците. Сукното на валавичарите им се давало на пазарен ден, сабота, кога селаните доаѓале во градот. Услугата се плаќала во пари по аршин, а изваланото сукно се предавало исто во пазарен ден[738]. Во Тетово биле две валавици на реката Пена, меѓу хидроцентралата и градот Аџииљоа ваљајца и Тодеа ваљајца). На валавиците се набивала клашната со дрвени токмаци на воден погон[739]. Во 1946 година имало тројца: Божин Зафироски, Тоде Серафимоски и Крсто Хаџи Иљоски[740].

Воденичари (тет. Воденчари). Водениците во Тетово се споменуваат уште во средниот век, во 1455, попишани се 13, а во 1544 година 17 воденици[741]. До крајот на 19 век водениците во Тетово биле *беглерски*, а потоа почнале да ги откупуваат Македонците. Водениците, за воденичарите обезбедувала еден сигурен опстанок во однос на храна. *Панда родила 11 деца 6 машки 5 женски. Пошто таткоми Иван имаше воденица и волновлачарска машина, ние многу убаво живеевме и не сме трпеле за леб*[742]. Воденичарот ја наплатувал својата услуга со *ујам*, односно со 6 до 8% од сомеленото жито. Житото се складирало во дрвен

---

[732] Бојаџии: Саво Јовановски Чадија, и синовите Андро Чадија и Михајло Миљан Чадија, Слободан Павловски Цобе, Гашо Бојаџија, Трајче Бојаџија Протестант, Спасо Закоски (бојаџија за волна), Душан Павловски Биљбиљ.

[733] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17,33/324.

[734] Гаврило В. Гавриловски Тодор Гушиќ, Миливоје Д. Исаковски, Димитрија Ѓ. Јовановски, Томе С. Јовановски, Круме Ѓ. Митрушевски Митруш, Андреа Н. Трпчевски - Андро Тесла, Живко Ф. Филиповиќ, и др.

[735]ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 2, Градско Поглаварство Тетово, АК - 1, 35/ 66 – 67.

[736] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 33/ 325 – 330.Бравари по 1944 г.: Димче Т. Ѓероски, Андро Н. Трпчевски, Спасо Љаљиќ, Томо Геров Стојковски.

[737] Јован Трифуновски, Воденице и ваљавице у Пологу, Billetin of the etnograpfic museum in Beograd, volume 46, 1982, 109.

[738] Истото, 110.

[739] Валавичари: Аџи Иљо синот Петруш и внукот Лазо Аџи Иљовски и Тоде Ваљајчарот, Јован Силјановски и др.

[740] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 34/ 331 – 333.

[741] Александар Стојановски, Македонија во турското . . . цит. дело, 199.

[742] Ѓоко Трифуновски (1926 -). Пензионер од Тетово, изјава 30. 08. 2006, лична архива, Б.С.

сандук под клуч. Кога ќе се наполнел сандукот, него го делеле сопствениците на воденицата и воденичарите[743].

До крајот на првата половина на 20 век, во градот егзистирале последните воденици. Воденициte биле приземни градби со правоаголна форма. Имало по две одделенија, едно во кое се мелело житото, а во другото просторијата во која спие воденичарот[744]. Иако воденициte биле со различна сопственост, во нив работеле само Пожаранци, односно, сите воденичари во Тетово биле со потекло од селото Пожаране. *Имало 16 воденце у Тетоо. Свите биле од беглери а у нив работеле Македонци – Пожаранци*[745]. Но еден воденичар можел да смени две и повеќе воденици, на пример Биљбиљ Велјаноски, најпрвин работел во *Добреа воденца*, потоа, кај воденицата под црквата Св. Никола и на крајот во воденицата позади градската болница. *Божиноа воденца, Добреа воденца* на реката Пена, работеле браќата Добре и Сандре. На најдолгиот јаз имало повеќе воденици. Тевдоа воденца, Бочаноска воденца, Саатмалската воденца, сопственост на Шоаповци а во неа работел Тоде Костоски Пожаранец, а последната се наоѓала спроти денешната касарна. Сите овие воденици биле на еден ист јаз на кој се наоѓале и три волновлачари кои биле во сопственост на Иљо Стојчески Маќинџија, Здраве Симовски со син му Симо и воденицата на Ќирко кој имал и волновлачара. На вториот јаз, кој се двоел кај најстариот тетовски млин, имало воденица во Г. Чаршија на Стојан С'ска, а воденичар бил Најдо од Пожаране. До камениот мост кај Г. Чаршија имало уште една воденица, каде работел Иван Трифуновски и една позади денешниот Државен архив. Уште една воденица во градот по реката Пена, била воденицата покрај Шарена џамија. На јазот кој се двоел од реката, покрај Топовскиот мост (Топ Ќупри), кај градската болница имало воденица на Андро Ѓорчески Ципа. Кај истиот мост се двоел и еден јаз кој одел во правец на ден. ул. *29 Ноември*. На тој јаз, во близина на Алимбеговата куќа се наоѓала воденицата на турчинот Пупунца, а во неа работел Апостол Трпески и т.н[746].

---

[743] Јован Трифуновски, воденице и . . . цит. дело, 109.

[744] Истото, 108.

[745] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2007. *Дедо ми Тоде Костоски – воденчар, ќе стане у 4 саат, ќиде на воденца и ја кеј 7 ќе му однесем доручек. У воденцата, уште од черата донесени вреќе со ченка и ченца. Воденцата има два чарга, едниот за ченка а другиот за ченца и јачмен. За сукано брашно, требало да го наклепа каменот со чекиќ. Воденчарот со коњ идел по куќе и го земал житото и откако ќе го сомеле истото ќе го врати со коњ. Трицата од ченката се користела за храна за стоката. Ќе купи слаб коњ, ќе го рани со трице, догодина коњот ќе го продаде поскупо.*

[746] Истиот извор . . . 16. 12. 2005. Во тетовските воденици воденичари биле и Јаким Андоновски, Мирко Богојевиќ, Симо Блажевски, Коста Блажевски Пожаранец, Софре Воденчар, Коста М. Деспотовски (Коце Воденчар), Добре Деспотовски, Цветан М. Деспотовски (Цветан Пожаранец), Марко Ѓорѓевски, Јован Ѓорѓевски Пласкија, Аркадие Илиевски - Арко Воденчар (во Саат маало), Ристо Исаевски, Ноак Воденчар, Сандрија Ефтоски, Дабе Иљовски, Александар Јефтовски (Сандре Воденчар), Тодор Костовски, Коста Манојловски, Цветан Миновски, Стефан Миновски, Алекса Петровски, Алексо Петровски, Најдо С. Петровски, Илија Пандиловски, Павле Ристовски, Јован Трифуновски, Премче Т. Пандиловски, Трифун Пандиловски, Никола Трајковски Шуки, Вангел Томовски, и др. По Втората

Во годините по Втората светска војна работеле како веденичари и неколку Албанци и Турци. По 1950 година бројот на водениците започнал да се намалува, поради електричните млинови и појавата на државни претпријатија[747].

Волнари и Волновлачари (тет. Маќинѓие). Најпрвин волновлачарите од Тетово биле инсталирани на тетовските јазови и работеле на воден погон а во триесеттите години на електричен погон[748].

Гајтанџија. Покрај двете мали фабрики за гајтани имало и занаетчии кои се занимавале со производство на гајтани, како што биле: Јован Гајтанџија, Спасо Заковски Гајтанџија (кој бил родум некаде од Мала Азија а во Тетово со своето семејство од Скопје се преселил после 1916 година) и др.

Графичари (Печатари). Во Тетово егзистирале и две мали печатарски претпријатија: *Јадран* во сопственост на Кузман Најденовски, книжар и *Принц,* чиј сопственик бил Никола Принцип (Нико Принц), бил печатар, но и бојаџија, молер и фирмописец[749]. Во 1946 година се уште двете печатарски работилници работеле и тоа регистрирани биле: Славе Софрониески и Војо Д. Апостолоски.

Грнчари. Во Тетово, во 1946 година се појавува и еден грнчар, Саво Ристиќ[750].

Даскари (тет. – бичкиџие).Во градот имало и неколку работилници за изработка на даски. Работата се изведувала рачно со посебно изработени пили за таа намена[751].

светска војна се појавиле во Тетово помали електрични млинови. Во 1946 година работеле следниве веденичари: Премче Трифуноски, Илија Стојчески, Раде Анѓелкоски, Јоше Алексоски, Стојан Стевчески, Најдо С. Петроски, Кузман Филипоски, Коце Миноски, Петре Мичкоски, Миле Захариески и Дабе Илиески.

[747] Јован Трифуновски, Воденице и . . . цит. дело, 108.

[748] Волновлачари: Илија Стојчески (Иљо Маќинџија), Стојан и брат му Петре С'сковци, Раде Вуновлачар, Боќановци (Анѓеле Боќан), Ќирко Димитрие Трифуноски, Здраве Стојановски Пицок, Никола Поп Симиќ, Јован Зафировски, Гогушов Димо, Гогушов Никола, Ивановски Миле, Трповски Иван, Цветановски Трајче, Јован Трифуновски, Димитрија Ј. Трифуновски Бошњак – волнар, Никола Х. Симовски – волнар, Ќирко Стојановски - волнар, Симо Симовски - волнар. Во 1946 година, имало 10, од кои 7 Македонци: Петре Стевчески, Коце Стевчески, Јоше Алексоски, Петре Хаџи Иљоски, Радослав Трифуновски, Раде Анѓелкоски, Илија Стојчески и Стојан Ј. Трмчевски[748].

[749] Драгољуб Симовски . . . цит. извор, 08.08. 2008. Пред Втората светска војна, Славе Софронијевски Цунибаба работел во печатницата Кузман Најденовски (Кузе Најдов). Други графичари во овој период биле: Александар Николовски - Санко Мендуш, Војче Апостоловски, Милан Т. Апостоловски Фидан, Томо Ј. Аврамовски Гркот, Божо Живановиќ Дракула со потекло од Белград и др.
За време на Втората светска војна, Кузман Најденовски го дал дуќанот и печатницата на Војче и Мендуш Апостоловски.

[750] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 34/366.

[751] Даскари: Крсто Јажинче, Лазар Стојановиќ, Томо Змејковски, Ристо Стојановски, Трпко Р. Стојановски, Јастро Момировски, Петар Стефановски - Петре Стичари др.

Дрвари (одунџие). Многу куќи во Тетово имале свое магаре или коњ како превозно и транспортно средство. Во градот имало тројца луѓе, кои биле задолжени за набавка на дрва за огрев на тетовските семејства. Овие дрвари во Тетово биле нарекувани според турскиот израз *одунџие*. Тетовските одунции биле некојси Гашо од Стојан, Цуко, татко на Бошко, Димо Спасенов Ром и турчинот Ељмаз. Сите живееле во Горно Маало, во близина на црквата *Св. Богородица*.

Луѓето ќе ги пуштле магаринјата околу 4 часот наутро, од своите дворови низ капиите и тие сами се движеле до Горно маало. Кога ќе се собереле 20 – 30 магарија, одунциите ги воделе во буковата шума над селото Шипковица. Таму одунциите сечеле дрва, ќе ги натоварат дрвата на магаринјата и по истиот пат се враќале назад. При движењето на колоната низ тесните шумски патеки се случувало, магаринјата да се истускаат и некое од нив да падне во бездна. Во тој случај, одунцијата морал да го врати самарот како *нишан*, на пцовисаното магаре. Одунциите ги воделе магаринјата до дрвата во Горно Маало и тие повторно сами секое во својата куќа доаѓале натоварени со дрва. Еден ден магарето носи дрва за одунцијата, еден за стопанот. Оваа дејност се одвивала од *Ѓурѓовден* со *Митровден*, секоја година. Оние кои немале свои магарија, откупувале дрва од одунциите и ги плаќале на почек.

Електричари. Електричарскиот занает во Тетово се јавува во почетокот на триесеттите години на 20 век. Тој се јавува како потреба поради појавата на електричната струја во 1926 година во градот[752].

Сидари (тет. -Мајстори). До 1912 година ги имало околу 30 и можеле да заработаат од 400 до 500 динари во градежната сезона[753]. Специфично за нив во тој период е што покрај сидањето ги изработувале елементите од дрво чардак, скали, долапи, столаријата и др[754].

Сидарите се организирале во сидарски тајфи. Тоа биле мали групи на сидари, кои претежно биле ситни претприемници. Така сидарскиот работник Цветковски Стојков Тодор, започнал со работа во 1924 година, а мајстор станал во 1936 година[755]. Најчесто тајфите во Тетово потекнувале од мијачкиот крај. Една од тајфите била онаа на Симо Матев Блажевски Чименто, родум од с. Тресонче. Со него работеле мајсторите Крсто Павловски, Драган Цветковски, Стојан Исаевски и др. Од Тресонче било и сидарското семејство на Димитрија Кузмановски, синовите Славе, Душан, Гаврило, братот Илија Кузмановски. Крсто Пореч, бил и сидар и претприемач. Тие ги граделе поголемите дуќани во градот, каков што е оној на Јакуп Адилче со приземје и два спрата, Електричната централа, локални патишта, дел од Тутунската

[752] Уште од тие години како прв електричар – занаетчија работел, Симо Серафимовски Скаут. Потоа, се споменува Крсто Аврамовски Миркула во триесеттите години, Ѓоце Стефчески (општински електричар), Трпко Антески, Цветан Павловски, Герасимовски Т. Симо и др.
[753] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136.
[754] Драго Симовски, 06. 12. 2006.
[755] ДАРМ, Скопје, Врховен суд . . . цит. фонд, 1002/ 1954.

станица а работеле и во Кичево во периодот од 1932 до 1936 година. По извесен период Крсто Павловски организирал своја тајфа со Герасим Димовски, Силјан Поречанецот, Тодор Цветковски, а од 1922 година им се приклучил и Косто Алексов Тодоровски[756]. Сидари биле и членови од семејството Бучковци[757].

Тајфите ги воделе мајсторите еден или двајца, потоа нивни помошници – калфи и ученици – мајстори. Заработката се делелеа дневно според квалификацијата и изработеното, или *на ѓутуре*, која ја исплатувале инвеститорите.

Сидарите, објектите ги граделе врз основа на изготвени планови. Поголемите објекти биле проектирани во Скопје и Белград а во Тетово плановите на приватните куќи најчесто ги подготвувал Антун Славујиќ[758].

Еснавската слава на сидарите и претприемачите била *Св. Тома*.Во 1946 година, некои од тајфите и сидарите се здружиле во Сидарски колектив (Задруга)[759].

Јажари (тет. – јужари). Јажарите во првата половина на 20 век се уште имале работа, бидејќи нивните производи биле употребувани во занаетчиските дуќани и особено во селските работи. Јажарите го славеле, како и кројачите еснафската слава *Петровден*[760].Термини: попраг, ортома, јуже, коноп, чвор, (преќици, палдрма ?).

Јорганџии. Во градот пред 1912 година имало две македонски и три турски работилници. Тие изработувале јоргани, но и носеле од Скопје. Овој занает по 1912 година имал поголема перспектива, поради новите меѓународни граници кои драстично го отежнале увозот преку Солун[761]. Калфите ги плаќале до 36 динари месечно и доручек и ручек.

---

[756] Истото.

[757] Сидари: Зафир Будимовски, Ѓиго Ѓорѓевски, Бучковци – Александар Кочовски (Сане Бучко), Славе Бучко, Василие Кочовски (Васе Бучко), Симо Кочовски, Јане Гајдација, Ѓоце Прно, Драган Поточанец, Наце Попела, Јоше Кубур, Наце Блажевски Попела, Матеа Блажевски, Кузман Бошковски, Тоде Дојчин, Аце Ајко, Никола Ѓурчиновски, Митре Кузманоски и син му Славе кои работеле на големи објекти како што се Хотелот Јадран и Соколаната. Во дваесеттите години на 20 век една сидарска тајфа биле: Крсто Павловски, Герасим Димовски, Јован Павловски, Силјан Поречанецот, други сидари: Душан Е. Анѓелковски, Ристо Антоски, Атанас Вељовски, Стојан Вељановски, Јован Евросимоски, Миљан Вељановиќ, Ѓеро, Јован Димоски, Аритон Дукадиновски, Димитрија Ѓ. Димитријевиќ, Спиро Јаќимоски, Јордан Јанковиќ, Ристо Јовановски, Матеа Б. Јосифовски, Славко Кузмановски, семејството Недељковиќ (доселено од Призрен во 1925 г.): Стојан, Симо, Милан, и Филип (Филько), Божин Петковиќ, Ѓорѓија Савиќ, Тодор С. Стојковски, Драган С. Стојковски, Ѓорѓи Стевовски, Милан Стевовски (Стевчески), Ѓеро Д. Стојчевски, Крсто Тодоровски, Алексо Тодоровски, Коста А. Тодоровски, Ѓурѓе Христовски, Тодор Цветковски, и др.

[758] Истото; Драгољуб Симовски (1920 -), пензионер од Тетово; Кирил Ковачевски (1929 – 2009 г.), пензионер од Тетово;

[759] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 37/ 369.

[760] Јажари: Александар К. Грујовски (Сане Чучук), Јосиф Јовановски, Трпко Костоски, Петар Кочоски (Петре Јужар), Симо Кочовски, Борис Кочовски, Ќирко Т. Крстовски Камбер, Панта Г. Костовски (Крстовски), Ефтим Милошевски, Ефтим Милошевски, Тоде Петревски, Ристо З. Савевски, Боривое Р.Трајковски, Стојан Тиревиќ, Станко Хаџи Анов и др.

[761] Миливој М. Савиќ, Извештај . . . цит. дело, 228.

Јорганџиите заработувале од 400 до 1.200 динари. Главни потрошувачи биле Албанците. Во 1946 година, работел само еден муслиман како јорганџија.[762]

Казанџии. Казанџиите го славеле празникот *Св. Спиридон* како нивни еснафски празник[763]. Сите казанџии во Тетово биле Власи или со влашко потекло[764].

Калајџии. Пред војната *свите калајџие биле потекло од Крушево*[765], или повеќето од нив[766].

Калдрмџии. Мајстори за правење на калдрма на улици и патеки во дворови. Тие самите ги обезбедувале и камењата за калдрмата.

Качари. Пред балканските војни имало 4 качарски дуќани. Изработувале бучки за млеко, ведриња и каци, кои пред тоа ги носеле од Призрен. Овие мајстори можеле да заработаат до 800 динари годишно. По Првата светска војна, бројот на кашарите во градот се зголемил[767].

Ковчегари (Кофчеџар - тет.). Кога станува збор за ковчегари се мисли пред сè на свадбените ковчези, во кои се чувал чеизот за невестите, но и на други видови ковчези, кои во тоа време се употребувале. Тие биле изработувани луксузно, се фарбале а побогатите семејства нарачувале ковчези на кои имало гравури од бронза, бакар, железо и друг вид на метали. Често на ковчезите се запишувала и годината на изработката[768].

---

[762] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 38/ 370. Јорганџии: Диме Прендо, Петре Органџија, Крагуљ Димитриевски, Ристо Боевски (после трговец) и др.

[763] Казанџии: Глигорија Г. Ашовски Темелко М. Арсовски, Ефрим Димовски, Х. Миче Димов, Матовски Апостол, Василие Димовски, Стојан Е. Димитриевски др.

[764] Драго Симовски . . . цит. извор, 02. 06. 2006.

[765] Истото, 11. 08. 2006.

[766] Калајџии: Темелко М. Антевски, Стојан Т. Георгиев, Коста Б. Дафиновски (Коце Комита), Илија Димитриевски (Иљо Калајџија), Михајло Димовски, Апостол Дамјановски (кој изработувал и тепсии, ѓугуми, чинии, казани, котли - се од бакар), Блаже Н. Крстовски, Андреја С. Стоилковски, Глигорие Михајловски, Пано С. Мицковски Калајџија, Славе Ѓ. Црвенко, Јован Х. Ристиќ, Ефрим Калајџија, Ѓиго Црвенковски, и др.По војната, регистрирани се 8 калајџии од кои Македонци биле: Коце Блажевски Параграф, Мато Димовски, Ламбе Димитријески, Василие Димитриевски, Миче Димитриевски, Александар Г. Јосифовски (Сандре Калајџија), Мате Јовановски, Ефрим М. Димоски Јајчар и Андро Ж. Генчоски, Коце Матоски, Апостол М. Трпчевски, Данаил Томовски, и др.

[767] Качари: Александар Ѓ. Арсиќ, Лазар Ѓ. Арсиќ, Трпо Димитриевски Шуко, Андреа Ѓорчевски, Петре Исаески Дунав, Јордан Јанкулоски Пиперка, Борис Јанкуловски Глувиот, Борис Јанковски, Круме Јанковски, Александар Јовановски, Блаже Качарот, Михаил С. Миладиновски, Милан М. Митовски, Томо Николовски, Александар Павловски (Сандре Качар), Мито Петроски, Александар Б. Тасевски, Младен М. Тасевски, Никола Трпески, Јован П. Спасеновски, Крсто Тисески, Никола Трпчевски - Рикала (Нико Качар), ПаскалН. Трпчевски Рикала и др. Во 1946 година, како качари работеле: Киро М. Петровски, Симо Ристов, Мишовски, Александар Новакоски, Благој К. Димитриевски и Петре С. Исаевски.

[768] Ковчегари : Коце Несторовски, Мисо Б. Димитриевски и др.

Колари – Ковачи (тет. коачи или думанџије[769]***).*** Во градот имало и неколку дуќани за изрботка на воловски и коњски коли. Нив ги нарекувале и коларо –ковачи поради карактерот на изработката на колите од дрво и железо. Таквата изработка барала знаења и од дрводелскиот и од ковачкиот занает[770]. По војната била формирана и *Коларска Кооперџија*[771]

Кројачи (тет. терзије, шнајдери, френк –терзи, кафтан терзи)[772]. Кројачите во Тетово се евидентирани и со турскиот попис од 1568/69 година кога имало 12 такви[773]. Еснафот на тетовските терзии е меѓу оние на кои Кирил Пејчиновиќ во почетокот на 19 век посебно им се заблагодарил за нивната значајна помош на возобновениот манастир Св. Атанасиј во село Лешок. Тие на монасите им подариле одежди, платно, сукно, клашни, кошули, и материјали за изградба (дрва, вар, керамиди), бочви, жито, домашни животни, масло, темјан и др[774]. До почетокот на Балканските војни, во Тетово имало 9 македонски кројачки дуќани и секој имал од 2 до 4 калфи. Калфите биле плаќани со 200 до 400 динари и плус доручек и ручек. Подобрите мајстори кои биле 6, чувале материјал од 2.000 до 4.000 динари и годишно заработувале 1.500 до 2.000 додека послабите околу 1.000 динари годишно[775].

Терзиите во турскиот период биле оние кои се занимавале со изработка на женска народна носија. Под поимот *Кафтан-терзи* се подразбирало терзиите кои преминале од женска селска носија на женска европска облека. Такви во Тетово биле Ќирко и Гаљо Ќензо и др. *Френк-терзи* обучени модни кројачи во Париз, Белград, Софија и други градови. Иљо Бизмарк откако го научил кројачкиот занает во Тетово (1899 – 1908 г.), отишол на усовршување во Софија кај модниот кројач Ангел Д. Муленков. По завршувањето на оваа школа се вратил во Тетово каде самостојно ја обавувал оваа дејност до 1923 година, кога станал и претставник на осигурителната компанија *Росија Фонсиер* а потоа занаетот го

---

[769] Околу ковачите се дигале *думани* - облаци од пареа и чад. Затоа ги нарекувале *думанџије.*

[770] Коларо - Ковачи: Бошко Ѓ. Арсовски, Лазар Ѓ. Арсовски, Александар Арсовски, Атанас Билбиловски - Аце Коларот, Младен Галески, Гаврил Ј. Глигориевски, Сане Дамјановски, Трпе Думенџија, Најдо Димитриевски Шуко, СпасоБ. Димитриевски, Нестор Димовски, Блажо Ѓероски, Петар Ѓероски, Блаже Ѓорушевски, Богосав Ѓорѓевски Плаќија, Јован Ѓурчиновски (Јоше Кулин), Живко Н. Илиевски (Иљовски) Јаре, Сане Јовановски Ц'фр, Александар А. Кировски, Блаже Маринковски, Глигур Ников, Никола Николоски Коларот, Ников Диме, Глигорие Ј. Ристовски, Петар Стефаноски (Петре Черенко), Боривоје П. Стефановски Черенко, Јован Спасовски, Славко Д. Стојковски, Ќирко Н. Тевдовски, Трпко Р. Ќировски, Круме Угриновски, и др.

[771] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 39/ 422 – 439. Во 1946 година, како ковачи работеле Глигур Б. Маринкоски, Цветан Б. Јоргушевски и Ѓорѓи Т. Шурдоски кој се водел како ковачко – пушкарски занаетчија. Истата година, како колари биле регистрирани следните занаетчии: Глигур Ј. Ристовски, Спасо Б. Димитриевски, Младен Димитриевски, Иван Милосавлевски, Јован Ѓорчески, Томо Јовановски, Тодор Николоски, Петре Стефаноски, Ѓоце С. Исајлоски.

[772] Божидар Васовски . . . цит. извор, 29. 08. 2010; Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 07. 2006, 12. 07. 2006. Термини: *џинтија,утија, џик, џиц, манжетна, канаваца, влакно, ширање, памбук, штоф, штофара, басма, напрсток, терк, шнит, руб, игла, шав, распарување, шиење, кроење, рукае, ногаџе, крпење, ѓутлок, латица, крагња, буенбаѓе, конец, ширит, џик, копче, копца, гајќе, пантулуми, јелек, пауто, костим, сукња, капут, иберџигер, ф'стан, полата, проба, ножичќе, креда, метро, машина, макара, з'мба, шило астар, сатен, постава, свила, голф патулуми, брич пантулуми, крој, шнајдер, воуна, паларија, шешир, качкет, шубара, лустро, неврт, калабарија, пикир, суаљка и др.*

[773] Александар Стојановски, Занаетчиската дејност во македонските градови под турската власт (XV – XVIII век), Гласник, ИНИ, 1-2, Скопје, 1995, 123.

[774] М. А. Селищев, Полог . . . цит. дело, 149.

[775] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 135, 1 - 2.

работел заедно со својот син Борис[776]. Од 1934 година Борис продолжил самостојно да го води дуќанот и занаетот на својот татко. Тетовските модни кројачи брзо ги прифаќале модните теркови, кои најчесто ги набавувале од Скопје и Белград[777].

---

[776] ДАРМ, Скопје, Фонд бр. 908, Уставен суд, 448/53.

[777] Кројачи: Френк-терзи: Атанас С. Атовски, Лазар Аќимовиќ, Мара Бунева, Горица Богојевиќ, Јован Богдановски, Диме БСК, Тоде Васоски Тупанче, Благоја Васоски, Васо Виќо, Тода Видојка, Диме Дедија, Јошко Моне, Лазо Гиговски, Гогуш Димовски Гогушевски, Тода Мандаука и Тода Јосифоска, Божана, Ѓурѓа, Евросимоска Милица, Ротка Лешник, Ротка (тетка на Душко Караца), Иванка Л. Зарева (од 1922 г.), Љубица Јармојца, Донка Јовановска (род. Крстовска), а Славка Аткоска, правела и поправала женски шапки, паларии. Жените кои имале свои кројачки салони во Тетово ги нарекувале и *модискиње*. Други кројачи - терзии биле (некои од нив работеле како абации): Гашо Алексовски, Смиле Апостоловски, Никола Апостоловски, Фоте К. Аврамовски, Томо Аврамовски, Душан Аврамовски, Ацевски Наум, Никола Апосотоловски, Васо Атанасовски, Илија Анѓелковски, Атанас С. Атовски, Богдан С. Богдановски, Ѓорѓи Богдановски, Јован Богдановски, Спасе Богдановски, Ѓоце Божиновски, Илија Б. Божиновски, Стојан С. Божиновски, Томче Бојациевски, Благоја Бошковски, Војо Бошковски, Славе П. Бошковски (од 1934 г.), Ѓорѓија Н. Блажевски, Панта Н. Блажевски, Димче Биљбиљ, Димитрија Васоски, Михаил Ветеровски – Ганија, Александар Р. Војовски, Пано А. Галевиќ, Димо Гогуш, Гогуш Гогушевски, Спиро Гавровски (Спира Сестра), Тома Геров, Никола Глигориевски, Славе И. Герасимоски (од 1930 г.), Никоила Гоговски (од 1932 г.), Круме Грнчаровски, Петре Гавровски, Александар Ѓ. Димитриевски Ќец, Арсение Димитриевски, Владан А. Димитриевски, Лазар Поп Димитриевски, Димитрија Дамјановски (Диме Л'жго), Благоја Ј. Димитриевски Шуко, Ѓорѓи Н. Димовски, Ќирко Димевски Ќензо, Андро Димушевски, Петар Дамјановски, Ѓорѓија Дембовски, Јован Дембовски, Симо Ѓорѓевиќ, Ноне Ѓорѓевиќ, Томо Ѓеровски, Ѓорѓи Ѓеровски, Петре С. Ѓорѓевски Карајанко, Душан Ѓорѓевиќ, Богдан Ѓероски, Александар Б. Ѓорѓевски (Сандре Чокаљ), Александар П. Ѓорѓевски - Сане Паскаљче, Симо Ѓорчевски, Сретен П. Ѓорчевски Пласкија, Василија Заковски, Драгутин Г. Зафировски, Никола Г. Зафировски, Александар Зафировски - Сане Ципела, Јован Ѓорѓевски, Томо Ѓ. Х. Исаевски, Манојло Илиќ, Димитрија Илиќ (од 1922 г.), Александар В. Илиќ, Ѓеро Јаневски, Мито Јаќимовиќ, Стојан Ј. Јовановски - Јоше Менушин, Кузман Јовановски Јогун, Крсто Јовановски Јогунче, Борис Јовановски, Пецо Јовановиќ (од 1919 г.), Петре Јовановски, Михајло Јовановски, Богдан Г. Јовановски, Димитрија М. Јовановски - Диме Белиќ, Петре Јоргаќија, Јане Костоски (Јане Јанесум), Глигорие Ј. Костовски Ота, Никола КоцевКостовски (Никуш Туфо), Михајло Д. Костовски, Никола Крстиќ, Славе Коцески - Митриче, Томо Лавчанец Ќуко, Круме Лазовски, Јордан Х. Лазоски, Јован Маневски Сисалька, Светозар Марковиќ, Момир Д. Мартиновски, Стојан Михајлоски, Алексо Михајловски, Петар Миновски, Пано М. Момировски, Андреја Мишкоски, Богдан В. Мирчевски, Никола Митрушев (од 1919 г.), Сретко И. Милосавлевски, Михаил Д. Мисовски, Насто Н. Настовски, Ѓеро Наумовски, Ѓоце Наумовски, Лазо Наумоски, Богомир Наумовски, Славко М. Наумовски, Никуш Несторовски, Мито и Неделько Неделковиќ, Јован Н. Ончевски, Веселин Пандиловски, Иван Пандиловски, Ристо Петковиќ, Андреа Петровски (Исајловски) - Андро Жаба, Драгомир П. Петровски, Душан Петровски Дрде, Санко Пуљпуљ, Микаиљ Павловски Бутика, Ристо Петковски,Ќирко Д. Поповски, Младен Рафајлоски, Ќирко Ристовски, Милан Сароски, Тодор С. Саровски - Тоде Шуте, Анание Стефановиќ, Милорад Станојевиќ и Јован Станојевиќ, Томо А. Серафимовски, Раско Ј. Серафимовски, Васил Серафимовски, Илија В. Серафимовски, Спиро С. Серафимовски, Милан Серафимовски, Милан Станоевски, Спиро Симовски, Петар Силановски, Владимир Стојковски, Спиро Сампиљ, Мане Сисалька (потоа градски фенерџија), Јован Симов, Васо Серафимовски, Димитрија Спасоски, Јован С. Спасовски, Петар Ј. Спасовски, Ноне Симовски, Мирко Ц. Смиљаниќ, Славко Ј. Стојковски, Томо П. Софрониевски Думпа, Виќо М. Трпковски, Јован Тосковски - Таскуре, Јордан Трајковиќ, Душан Тодоровски (женски кројач), Васил Тофчески, Евстратие Ецо Тодоровски, Александар Томиќ,) Александар М. Трпковски, Пано М. Филиповски - Панче Вила, Душан Ципела (*знаел француски крој*[777]), Димитрија Спировски Шалтан, Лепосава Шурдиќ, Миле

Кујунции (тет. Коенције и Прстенције). Кујунциите изработувале производи од злато, железо, сребро, челик и дрво. Најдобрите оружја, цефки и кундаци се украсени со овој занает[778]. Чаши, чинии, садови за лулиња и наргилиња, ножеви, вилушки, лажици, потоа, украсни делови од градската тетовска носија, прстени и друг накит[779]. Производите на тетовските златари се продавале во северозападна Македонија и Албанија[780]. Од нив при крајот на турското владење во градот имало 9 работилници. Од нив 7 имале чираци. Главни купувачи им биле Албанците. Од деветте дуќани само три работеле подобро а другите само вршеле поправки. Можеле да заработаат од 800 до 1.000 динари годишно. Во тоа време многу им конкурирале кујунциите од Призрен, бидејќи доаѓале на пазарен ден во Тетово и ја носеле својата стока во куфери и ја продавале низ градот[781].

Куќни занаети. Во Македонија постоеле повеќе куќни занаети кои во селата и градовите биле различни. Во Тетово главен куќен занает бил изработката на текстилни производи, кои речиси без исклучок ги изработувале жените. Домаќинките ја преработувале рачно, ја пределе влачеле со примитивни гребени, пределе сновале, ткаеле од неа квалитетни клашни. Покрај клашните изработувале и стела, вид ретка ткаенина, која служела за изработка на носија на посиромашното население во Полог и на самарџиите за подлошки на самари за добиток[782]. Најмногу се изработувало белото сукно.

Волната за сукното се влачела на *гребење колчишни и ногати* на стица. Со гребењето се добивала *пасма* односно пасмиња и пасмата се пределa во *јуток* и *осново се сноe* или ткае на разбој. Во турскиот период жените изработувале до 100.000 аршини (аршин - 75 цм.) на сукно,

---

Шеменко, Душан Шаутан, Ецо Шаутан и др. Во 1946 година терзии биле: Гаљо Д. Кензовски, Тода вд. Лазар Сароска и трикотажа Ташко Н. Дабижовски и трукерај Јевто Угриновски. Како шивачи се воделе: Ецо Т. Сибиноски, Душан Ѓорѓески, Александар А. Ѓорчески, Анѓеле Т. Јовановски Димевски, Васил Викторoски, Спиро С. Серафимовски, Виктор Трпковски, Глигорие Апостолски, Тодор Васоски, Александар Т. Николов, Милан Недељковиќ, Саво Стојковски, Младен Тасески, Славе Н. Спироски, Петре Ј. Павловски, Димитар К. Јовановски, Гоце Д. Наумовски, Милан Кузмановски, Јован Р. Димоски, Горица К. Богојевиќ и Јован Д. Мичовски. На *Петровден*, кројачкиот еснаф, ја прославувал својата слава.

[778] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 1, Наша Книга, Скопје, 1986, 435.

[779] Боро Јосифовски, Најмлаѓи мајстори најстаријег заната, Политика, Београд, 25. 08. 1955, 7.

[780] Кузман најденовски, Тетово во минатото, тетово, 1964, 40.

[781] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136. Кујунции: Петре Биљбиљоски Петљак, Косто Р. Божиновски Ѓупе, Јован Битанго, Ќирко Божиноски Ѓупе, Ѓорѓе Васиљевиќ, Глигор Гавриловиќ, Александар Ј. Гавровски (Сане Ќиќиш), Илија Глигориевски - Иљо Пиперче, Борис Гладна, Ѓоре Дембов, Атанас Закоски (Аце Купус) Ѓорѓи Јовановски Дембо, Младен М. Јовановски, Глигур Коенција, Младен Михајловски, Младен Мичевски, Сандре Мически Ќиќиш, Кузе Најденовски, Јован Најденовски, Младен Призренец, Томо Пауновски, Кузман Ј. Ќировски, Александар Мичевски, Сандре М. Ќиќиш Коенција, Трајко Ѓ. Стојановиќ, Боривое Д. Тофиловски Гладна и др. Во 1946 година, како кујунции работеле: Игно П. Попоски, Петре Билбилоски, Младен Михајлоски, Крсто Јовановски, Ѓоре Дембоски, Ташко П.А. Симоски, Борис Д. Теофилоски и Сандре Јованоски[781].

[782] Кузман Најденовски, Тетово во . . . цит. дело, 38 – 39.

се продавало на *Бунар*, во центарот на градот но и по дуќаните, на абациите во Тетово, а свие пак од истото произведувале чакшири кои се извезувале во Мала Азија[783].

Интересен е и податокот дека во Тетово со изобилството на волна се произведувале од страна на домаќинките поголеми количества на волнени чорапи, отпрвин само рачно а потоа и со плетечки машини. Но, рачно изработените чорапи повеќе се барале како подобри и поиздржливи. Од Тетово, по неколку илјади пара чорапи се продавале во другите градови на Македонија [784] . До Првата светска војна, половина од македонските жени во градот произведувале аба, шајаци, бели и црни, кои во османлискиот период биле извезувани во цела Македонија и Мала Азија[785].

Производството на свила и свилени ткаенини го изгубиле своето значење во Тетово, какво што било во 19. век. Тоа опстојувало се до првата деценија на 20. век, а во следните децении тоа служело повеќе за домашни потреби. Според извештаите на британските дипломати во Македонија, материјата што е направена од чиста свила е многу фина и лесна и скоро прозирна. Некои од свилените материјали биле помешани со ленен конец[786].

Во периодот, меѓу двете светски војни, една од карактеристиките на секојдневното живеење на македонското население, продолжила и домашната изработка на производи од текстил [787] . Таа опстанала и покрај, веќе полувековниот продор на фабрички текстилни

---

[783] Истото, 266.

[784] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 45; Мишайков Д., Македония в икономическо отношение, София, 1917, 38.

[785] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 38; Глас Пологa, Тетово, Домаћа радиност Тетова, 07. 08. 1937, 2.

[786] Данчо Зографски, Одбрани дела . . . цит. дело, книга 1, 437.

[787] Николина Обадиќ (1932 -), пензионерка од Тетово; Според Сеќавањата на Николина Обадиќ, Така било и во семејството Шишевци, кое ја негувало традицијата на куќното производство на текстилни производи. Она што секако е вредно за одбележување е вештината и вредната работа, пред се на, носителот на животот во самата куќа, домаќинката Перса. Во изработката имала помош најмногу од ќерките. Таа била најмногу заслужна што, како ретко во кое семејство се изработувале текстилни предмети од толку различен вид и намена но како заокружен процес. Имено, традиционално во семејствата, жената била таа која изработувала ткаени работи на разбој, плетела волнени чорапи, везела разни украсни елементи, приготвувала *чејзои*, за мажачка. Но семејството Шишевци е меѓу поретките кое речиси го заокружувало целокупниот процес на изработката од набавката на суровина до конечен производ. Така откако Јоше ќе купел, *кашар памук* , бел, син и црвен, Перса истиот го изработувала и од него правела се што е потребно во куќата. Дури таа пронашла систем како да се прави текстил од комбинација на волна со памук или свила со памук. Памукот се земал како предиво во *штрени*. Најпрвин, како тврдо предиво се газело со колена и потоа ќе се отворат штрените. Од таквото предиво се правела основа и потка со елемија, направена од дрво и на него предивото слободно се врти. Потката била со пирамидална форма на осовина, на која памукот се вртел. Потоа се правел памучен конец, кој се мотал на *мотало* во должина од прилика 100 м. и истиот се фарбал. Конецот, потоа ќе се одмота, се броеле должините и го носела во клупчиња кај некоја турчинка (*була*) да ги *сноe*. Во дупката на вратилото се ставала шипка. Процесот на сноење, булите го работеле во бавчите или на сокак, бидејќи било потребно конецот да се извлекувал во должина од 100 метри. Памукот се враќал на вратило, кое

производи. Тоа е периодот на разминување на традиционалното и модерното, односно време на феноменот наречен "ала турка - ала франга". Тетовските жени, како секаде низ Полог, работеле на *разбои*, дрвени направи на кои се правеле платно, шајак, завијачки, крпи, салфети, черги, килими и други предмети. Речиси секоја куќа поседувала разбој а ова домашно производство врзувало за себе производство на разбои од тетовските столари, како и работењето на валавиците и бојациите[788]. Благодарејќи на големиот број на жени оспособени за ткаење, и нивното наталожено искуство, формирана е и првото претприатие за ткаени платна, *Единство*[789], по Втората светска војна.

Лимари (тет. Тенеќеџије и ќумбеџие). До 1912 година во гардот имало 16 македонски и 2 турски лимарски работилници . Секоја работилница имала 1 до 3 калфи. Калфите се

такво повторно го носела дома. Потоа, Перса, дома продолжувала со работењето со готовиот конец. Станувала мошне рано, околу 3 часот наутро за да работи на разбој, на кој се ткаело памучното платно. Тоа платно го викале *призренско* или *стамболско* платно. Од ткаеното платно се правеле кошули, креветски чаршави, покривки за кревет или маса, завеси за драпер и како што вели тетка Николина, *собете беа ка рај*. Откако Јоше ќе донел волна, се греела вода во котлиња и ќе се ставела истата за добро да се испере. Како таква, потоа волната се сушела на претходно измиена калдрма или талпи. Исушената волна, според квалитетот се сортирала според нејзината намена, која ќе биде за чаршави, која за чорапи, за черги и т.н. Потоа, се ваделе ипките а најдолгата и најубава волна била наменета за основа. Во таква состојба , волната се носела на волновлачар и тоа најчесто кај Иљо Стојчески Маќинџија и во волновлачарата на семејството С'сковци. Влачената волна дома се предела рачно со чекрек. Перса ткаела клашње и шајак. Шајакот можел да има основа памучна или волнена. Основата се носела кај некои турчинки да се сноe и потоа Перса ќе ја стави на потка и ткаела. Исткаениот шајак се носел кај Тоде Ваљајчар. Таму шајакот се набивал, се фалца а влакната се развлечувале од валањето. На таков начин шајакот се стеснувал. Откако шајакот ќе се исушел се носел на кројач, тогаш наречен *терзија*. Од тој шајак се кроело и пантолони за сите во семејството. Покрај ткаењето, Перса волната ја бојадисувала (тет. -*вапцуе*) со природни бои. Така, црната боја ја добивала од кората на елка и кора и лист од орев (*орашкоа боја*). Корите ги ставала во врела вода во која ставала сол и оцет па ќе ја остави волната да кисне. На крајот ќе ја процеди низ *дрман*. Пред да се исфарба волната истата се става во вода за полесно да ја впие и бојата. Преѓата кога ќе добие изразита црна боја, ќе се исплави. Жолтата боја се добивала од млечка. Ако сакала да добие црвена боја прво ќе ја офарба со жолта па после во црвена. Истото важело и за црната боја. За пуловери и шалови волната се *вапцуелау комиње*. Во комињето се ставала вода и волната добивала нијанса помеѓу браон и цигла боја. *Пасмото* се врзувало на 4 места со крпче и шаловите станувале шарени. За разлика од волната, боите за памук се купувале. Шаловите и пуловерите, освен Перса ги плетеле и двете ќерки Слоботка и Николина. Памукот Јоше го набавувал од големата магаза на Диме Спириќ со размена на тој начин што Јоше земал памук, кошули и пуплин а Диме добивал за тоа млеко, путер урда и јогурт (*муќејнца)*. Покрај волнените и памучните производи во домаќинството на Шишевци се произведувала и свила и свилени производи.Конецот се двоел од чаурата на бубата, се до моментот кога од чаурата ќе се појави главата на бубата. Откако ќе се случело тоа, конецот од чаурата бил неквалитетен. Свиленият конец се истегнувал во вода. Николина се сеќава дека нејзината мајка, ги хранела свилените буби со некој додатоци во храната за свилата да добие одредена боја. Инаку, за боење (*вапцуење*) на платната Шишевци ги користеле и услугите на Гашо Бојациjата, кој се сметал за еден од најдобрите во градот.

[788] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 38 – 44; Глас Полога, Тетово, бр. 228. 07. 08. 1937, 3.

[789] Моднаконфекција Единство - Тетово, (монографија) Полог, Тетово, 1983, 5 – 18.

плаќале од 120 до 480 динари годишно без храна. Мајсторот заработувал од 300 до 4000 динари. Значителна количина на лимарски производи се продавале во Гостивар[790].

Месари (тет. касапи, кобасичари). Според еден извештај од 1914 година, месарскиот занает во Тетово и воопшто во Македонија бил *примитивен и нехигиенски*[791]. Месарски дуќани имало 26, од кои 16 турски и 10 македонски. Во дуќаните имало или ортаци или калфи[792]. Калфите ги плаќаат најмногу по 50 динари месечно. Месарите можеле да заработаат од 1.000 до 1.300 динари. Ситната стока ја набавувале во Приштина, Гнилање и Куманово, а воловите во Тетово или Приштина. Тетовската ситна стока била поскапа и не се користела туку се извезувала во Царигарад. За пастрма месарите колеле околу 10.000 глави ситна стока, повеќето овци, а во 1913 година оваа бројка паднала на 5.000. Пастрмата се продавала во Тетово, Гостивар и Кавала[793].

До триесетгите години во тетовските месарници немало свинско месо и кобасици. Сето тоа луѓето дома го правеле. Први месари кои отвориле месарница за свинско месо и производи од тоа месо како кобасици, чадено месо и др., биле нарекувани *кобасичари*[794].*С. Архангел* е славата на месарскиот еснав.

---

[790] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . ., цит. дело, 135; ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 46/ 615 – 628. Лимари: Никола С. Богоевски, Ристо Димовски, Крсто Димитриевски, Владимир П. Ѓорѓевски, Томо Евросимовски Топуз со синот Симо Евросимоски Топуз, Петре Евросимовски, Милан Евросимовски, Алексо Евросимовски, Милан Исаевски, Анто Илиевски, Нофо Јовановски, Диме Јовановски, Саво Јовановски Шеменко, Тоде Манак Паќо (Влав од Крушево, роднина на браќата Манаки, прв почнал со изработка на шпорети), Никола Мисовски,Андро Нацев, Пецо Наумовски, Коле Николе, Ристо Б. Х. Петровски, Андро и Томо Спироски, Коста Стефановски,Блаже Самоиловски, Андро Тофилоски, Петре Т. Тофиловски, Димуш Червенков, Диме Шеменко, Тоде Ќумбеција и др. Во 1946 година лимари биле: Симо Евросимоски, Коце П. Михајлоски, Нино Н. Ѓероски, Саво Јованоски, Живко Ѓ. Ристоски, Никола С. Богоевски, Диме Јовановски, Андро Тофилоски, Томо Спироски, Младен Р. Митрушевски, Пецо Наумоски.

[791] Миливој М. Савиќ, Извештај . . . цит. дело, 230.

[792]Александар Велјаноски . . . цит. извор, 04. 10. 2006. *У касапница сум работал кеј Никола и Душан Танто и Борис Чупе. Од Лукојца ги собиравмо козете и тамо ги плаќаја. Смо продаале све. У касапнице смо мереле со кантар, на кило и на око. Месо смо мелеле ручно и амчиете ни ставале леб у нутра, па било тешко за мелење. Еднаш мелевмо 60 кила месо и газдата најде едно црвче и цело месо го фрли. Па фрленото месо го зеле сиромаси да јада. На сцаек смо вареле месо и смо прајле кобасице од свинско и говетско месо. Смо носеле месо со коле со звонци. Пешќи смо ишле по селава и до Скопје. Месото било јефтино. Кожата била 6 динара кило а месото 8. Од чокаре смо фатиле шуга. Како касап сум работел до пензија;*ДАРМ, одд. Тетово, ф. Бр. 2, Градско Поглаварство, 51/ 104.

[793] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 137.

[794] Меѓу нив биле Владо Кобасичар од Скопје заедно со Ѓерко Танто[794], а пота Нестор Никодиновски, Глигорие Ананиевски, и др. Месари: Пано Е. Анѓелковски Пашаре, Ецо Анѓелковски, Трипун Блажевски Ќељ, Јован Богдановски, Петар Бошковски, Стојан П. Бошковски, Десо Василевски, Александар Велјановски (Санко Касапот), Серафим Грнчаровски, Крсто Димовски, Анание Докчевски (Ане Докче), Ѓорчески Александар, Паскал Ѓорѓевски (подоцна хотелиер), Јорде Ѓеровски, Ѓлигорија Зафировски - Ѓиго Зафиров, Младен Зафировски, Никуш Г. Јаневски - Никуш Гогојчин, Томе Јаковчевски, Пано П. Јовановски (Пано Румка), Јовановски П. Илија, Петре Јовановски, Хаци Ано Касап, Петре Кочовски, Димитрие Матоски, Филип Милошевски, Иван Ф. Милошевски, Серафим Новаковски, Нестор Никодиновски (продавач на свинско месо – кобасичар, и млекар), Тантовци – браќа Јордан Карлица, Душан, Никола, Бранко, Сане и најмалиот Ѓерко Кузмановски, Румковци двајца браќа, Пано Петровски, Крсто Д. Стамевски - Пљамба, Крсто Саровски, Атанас Сибиновски, Диме Стамевски

Минтанџие. Минтанциите изработувале минтани (горна облека од памук обложена и прошиено во зик-зак со платно за да се задржи памукот на сите места од минатанот инаку ќе се собере на едно место или тетовски ќе се *сќепаи*). Поради користењето на истиот или сличен материјал, минтанциите изработувале и јоргани[795].

Млекари (тет. – млекаџие). Во Тетово имало неколку млекарски дуќани, кои продавале млеко и производи од млеко како што се: јогурт кисело млеко, сутлиач, кајмачина. Тетовските млекари биле познати како печалбари во Србија[796].

Мразарничари. Во една студија се вели дека во Тетово, пред Втората светска војна, работела и мала фабрика за мраз[797].

Стојко Меанџија, имал мразарница во својот имот, на местото каде што сега се наоѓа тетовската касарна[798]. Како мразарничар во Тетово работел и Чедо Грујов Пролеќе, кој произведувал и чувал мраз, неопходен за многу потреби во прехраната и ладење на пиво, во близина на тетовската болница[799]. Извесен период како мразарничар работел и сарафот Славе Софрониевски, кој своја мразарница отворил во 1929 година, но откако и таа работа не му успеала се преселил во Софија[800].

Мутавџии. Мутавциството за разлика од другите занаети не бележело падови и по 1912 година. При крајот на турското владеење, имало 10 мутавции во градот и секој дуќан имал и по еден калфа. Мутавциите произведувале черги (тет. *-мутав*), вреќи за транспорт, покривки, торби, *палдрма* - покривка за коњи. Чергите од мутав се ставале на подот во куќите кој бил од црвеника (глина со слама, како дренажа)[801]. Годишната заработувачката изнесувала

Пљамба, Деспот Трифуновски, Докче Тевдовски, Борис Чупе, Тимосиевци: Димитрие, Коста, Борис П. Ласман и др. Во 1946 година касапи биле: Стојан П. Бошкоски, Анание Ј. Кочовски, Борис Т. Силјановски, Борис Блажески, Томо Е. Анѓелкоски, Никола Кузманоски, Трипун Б. Савески и Крсто Стаматоски.

[795] Минтанции: Гаљо Ќензо и Ќирко Ќензо, Никола Газдиче и др.

[796] Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Друштво Св. Сава, Београд, 1928, 135.Млекари во градот биле Александар Војновски, Панта Васоски, Лазар Вељовски, Велко Л. Вељовски, Анче М. Грнчаровски, Благоја Т. Јовановски, Форе Меновски Млекарот, Стефан Х. Настоски Раќо, Васо Х. Настоски и др. Во 1946 година, како млекари работеле: Сане Д. Војноски, Рафе С. Анѓелковски, Младен Никодиноски, Нестор Н. Стојановски, Јордан А. Пероски и Глигорија Апостолоски[796].

[797] Јаким Синадиновски, Општествено-економски . . . цит. дело, 92.

[798] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006.

[799] Радослав Меновски . . . цит. извор,

[800] Драго Симовски . . . цит. извор, 23.10.2006.

[801] Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској . . . цит. дело, 16.*За изработка на мутавџиските артикли, најпрвин се двои козината и тој процес се нарекувал* двоење. *Потоа се бие пос сицим, врпца од неколку струка. Таа работа се вика* биење. *При биењето, козината сама се двои на добра и лоша со тоа што добрата бега под сицимот. Три пати се врши биење. Тоа е* ќиненакожа *со која ќе се направат* куделке *и ќе се предат конци. Откако ќе се испредат доволно конци ќе се намотаат во клупче. Потоа ќе се* сноа *и ќе се наведат(тет. уведување) во* нитки. *Алатот за уведување на нитките се вика*л лекрдак. *Разбојот за ткаење се состоел од два* черита. *Тоа се две крилни столпчиња, потоа од нозете* чипови, чибуци,

од 400 до 800 динари. За разлика од времето пред австро-унгарската окупација на Босна, кога од таму се увезувала козината, веќе по тој период козината се обезбедувала од Тетово и од Скопје. Во претходниот период дел од мутавциските производи се извезувале во Босна[802] а потоа во Гостивар и Скопје. Во Тетово мутавциите имале конкуренција од Призрен[803].

Мутавите ги правеле во три бои, црна, црвена и бела. Мутавциите го славеле празникот *Св. Тома*[804].

Молери. Молерските занаетчии во Тетово се појавиле во дваесеттите години со изградбата на првите државни објекти[805], затоа што дотогаш варосувањето по куќите го изведувале домашните, најчесто жените.

Наланции. Наланциите изработувале женски обувки од дрво со мал кожен ремен, слични на влечки, наречени наланции[806]. До 1918 година имало 10 македонски и еден турски дуќани а работата одела слабо и се заработувало од 250 до 300 динари[807].

Ножари (тет. Бичекции). Меѓу Македонците овој занает бил редок[808], повеќето од ножарите биле Турци.

Опинчари (тет. опанчари). Основни обувки на луѓето како во град, така и во селата биле опинците. Но средината на 19. век, во градот се почесто чевлите го заземале местото на

големо и мало зрнбало, *со кои на ткивото му се отварла устата* - зев, *потоа* ќулии, ѓусагач, токмактарак *кои служи за збивање на ткивото и т.н.*

[802] Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској . . . цит. дело, 16.

[803] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136.

[804] Мутавции: Коце Аврамов, Димитрија Алексовски, Ѓиче Апчев Апостолоски, Јордан Апосотоловски, Јоргуш Апостоловски, Димитрија Ј. Апостоловски, Симо Аврамовски, Спиро С. Аврамовски - Миркула, Димитрија С. Аврамовски, Глигорија Аврамовски, Глигорије Димитриевски - Ѓиго Окољан, Петар Ѓорушевски, Тоде Зафировски Пинѕур, браќата Јордан Апчев и Ѓоце Зафироски, Димитрија Јовановски (Диме Брдар), Томо Јовановски, Ѓорѓе З. Кузмановски, Аврам Митровски, Мате, Симо, Спиро и Димче К. Миркуловци, Глигорие А. Мирчевски, Александар Х. Миовски,Димитрија Николовски, Тодор Николовски, Апче Перовски, Јордан А. Перовски, Глигорије А. Перовски, Анче Перовски, Петар Ѓ. Периќ, Методија Симовски, Петар Т. Симовски Пинцур и др.Во 1946 година, како мутавции работеле: Јордан А. Пероски, и Глигорија Апостолоски. (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 41 / 523 – 524.)

[805] Познати молери, меѓу двете светски војни во градот биле: Диме Змејковски, Младен Тиквар (бил и столар), Владе Пошта, Симе Глигориевски Пошта, Д. Ецоски, Јован В. Илиевски - Јоше Ѓупе, Александар А. Галевски и др.

[806] Наланции: Боро Т. Божиновски, Санко Гавроски, Блаже Мајор, Аџи Марко, Јастро Момироски, Аџи Симо, Димитрија Станковски, Стојан П. Спасовски, Сане Требош, Трпче Требош, Аџи Трпе, Санко Трпчески и др. Во 1946 година како наланции работеле: Трпче Гавроски, Блаже М. Велјаноски, Петре Михајлоски и др.

[807] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136. Според Драго Симовски, овие податоци не се точни и дека имало повеќе Македонци и само еден Турчин наланција во дваесеттите години.

[808] Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово, изјава од 08.12. 2005.Меѓу Македонците, познати ножари биле Коле Бичекција, Перо Бичекција, Јован Спасовски, Јован Перов - Заптија, Благоја Јоргушевиќ, Спасо Матоски, Браќа Блажевски и др.

опинците.Во почетокот на 20 век, во Тетово имало многу повеќе чевлари од опинчари[809]. Сепак и во периодот по Втората светска војна егзистирале повеќе опинчари[810].

Памукчии и платнари (тет. – памбукчија).Македонски дуќани пред балканските војни имало 12 и вообичаено мајсторите работаат сами. Ако некој има калфа го плаќал 100 - 120 динари годишно, доручек и ручек. На памукчиите им конкурирале Турчинките кои работеле дома. Мајсторите заработувале од 600 - 800 динари годишно[811]. Славата на овие занаетчии била *Успение на Св. Богородица.*

Папуции (Јеменџие).Тетовските папуции биле надалеку познати во турскиот период. Посебна карактеристика на овие папучи била изработката на уметнички шари. Своите производи тетовските папуции ги продавале во цела европска Турција, соседните балкански дрѓави па дури и во Австро – Унгарија: Лајпциг, Виена и др. места[812]. По првата светска војна, останале уште двајца папуции и работеле сами. заработувале по 800 динари годишно. занаетот бил во опаѓање[813]. Еден од нив бил Дамјан Папуџија.Папучарите го славеле *Св. Спиридон.*

Пекари (тет. - фурнаџие, пишермеџие, симитџие). Пекарите со своите фурни биле најраспространети низ градот. Речиси секое маало имало свој фурнација[814]. Покрај белите

---

[809] Опинчари: Сима Атанасовиќ, Стојан Ѓорѓевски, Сане Ристоски, Никола Стојчевски, Тодор Ѓ. Трајковски Чучук, Пано Бошкоски, Коста Јовановски (Коце Брдар), Стеван Х. Начевски, Ане Јовановски, Никола Јовановски и др.

[810] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 43/546 - 561. Во 1946 година како опанчари работеле: Глигор К. Аумовски, Ќирко Богоевски, Симо А. Зафироски, Пано Јошевски, Боро Т. Јовановски, Јосиф Јованоски, Ќирко Крстески, Борис Т. Крстоски, Коце П. Кочоски, Диме Ј. Симоски, Јован Трајковски, Ѓоце Ѓ. Трајковски, Пано Ј. Трајковски, Тоде Ѓ. Трајковски Чучук, Санко Тимосиевски, Борис Трајковски и др.

[811] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136.Памукчии: Евстратие Стојаноновски, Димитрија Кочовски, Диме Прендо Алач, Љуга Птровиќ Платнарка и др.

[812] Кузман најденовски, Тетово во минатото, тетово, 1964, 40.

[813] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136.

[814] Димитрие Ѓорчески (Диме Чауш) (1934 -), пензионер од Тетово. *Моето семејство потекнувало од шарпланинското село Лисец. Од пред околу 200 години сме се преселиле во тетовското Горно Маало, од таму во Долно Маало а од таму во Два Бреста. Семејството од секогаш работело фурнаџиство и било познато семејство. Дедо ми Ѓорче и татко ми Душан ја држеле главната фурна во семејството, околу 100 години. Моите предци биле на аџилак и по правило би требало да се презиваме Хаџи Ѓорчевци. Дедо ми имал повеќе синови и кога тие се одделиле, тие и понатаму работеле како фурнаџии. Фурната на дедо ми и татко ми се наоѓала во куќата на Грнчаровци на Два Бреста. Тогаш ние сме живееле во Доу и една куќа во Чапчакоо сокаче, а во куќата на Два Бреста, каде што и сега живееме имавме бакалница. Од секогаш татко ми велел: (ќе ме седнел на чекмеџе) Секој во ова чегмече може да става пари а само јас можам да вадам и да давам кусур. Татко ми произведуваше лебови, симиди, мекици, ѓеврѓеци, ќае, како и со пишерме. Односно, лушето носеа пецива, тави, јаболка и други нешта за печење. Бидејќи дуќанот ни беше близу црквата имаше многу добар промет. За посиромашните се водеше евиденција за вересиата на рабуш. Две долгнавести правоаголни дрвца – четеле, на кои се ставаа паралелни рецки со шило(коси и прави), со кои се евидентирал долгот. Едното четеле останува кај пекарот, а другото го носи муштеријата дома. На крајот од месецот се споредувале двете дрвца и рабушите и се плаќала вересијата. Кога ќе се платела версијата, рабушот се стружел за повторно да може да се бележи новата вересија. Поголемиот дел од домаќинствата плаќале на почек. Татко ми имаше 5 – 6 велосипеди со вградени корпи позади во кои чираџите ги пренесувале пецивата до селата. Таму пецивата се продавале за пари или некои селски производи како брашно, јајца и сл. Низ градот, производите чираџите ги разнесувале низ чаршијата, особено по четвртоците и во празниците пред*

пецива: лебови, симиди, мекици, ќаи, фурнациите работеле и пишерме, односно печеле пецива, тави и др. што ќе им донеле луѓето за печење, бидејќи, за печење на граѓаните им требало многу дрва да потрошат[815]. Пекарите го славеле празникот *Св. Илија.*

црквите. Се случуваше на повидните семејства да им се однесе дома а чиракот ќе добиеше бакшиш. Сум работел и јас до 1948 година кога се изврши национализација на имотите. Кога учев во гимназијата секое утро со табла и а глава ќе донесев пецива, и ќе ну ја дедев на Џабир, кој ги продаваше во гимназијата и после на враќање од гимназија, ми го даваше пазарот. Татко ми остануваше во фурната и таму ќе напревеше маја од наут. Кога ќе стасаше мајата, во едно сопче, наречено амурлок, полно со полици на кои се ставаа стасаните теста. Тоа се случуваше пред да изгрее зората и во една тава полна со вода се ставаат три ужарени потковици. Пареата која ќе се направи во амурлукот помага подобро да надојдат сите пецива. Откако ќе се исчисти фурната во неа се ставаат пецивата и печењето траело од 10 до 12 минути. Фурната исклучиво работеше на дрва. Калфете доаѓаа уште во еден часот по полноќ и работеа заедно со татко ми. Откако ќе ги испечеше пецивата, во 7 часот, луѓето почнуваја да носат тави и се ставаат додека фурната е добро загреана. Посиромашните носеа ченкарен леб за печење. Така се носело секој ден и тоа во тепсии; ДАРМ, одд. Тетово, ф. Бр. 2, Градско Поглаварство, 1, 2/4 – 5.

[815] Пекари: Симо Х. Ананиевски, Петруш Апостоловски, Петар Ановски, Петар Аврамовски, Младен Д. Апостоловски, Диме Апостоловски, Јован Антевски, Душан Андоновиќ, Иванче Атанасиевски, Ецо Анѓелков, Велјан Блажев, Јане Богоевски, Коста Богоевски, Јован Богдановски, Самоил Брезјанец, Софре Билбиловски, Симо Билбиловски, Билбиловски Алексо, Анте Божиновски, Јован А. Божиновски, Божиновски Димо, Атанас Војновски, Ристо Војновски, Ецо И. Војновски, Младен Веселиновски, Коста Васоски, Ацо Глигориевски Шето, Спиро Галевски, Андреа Гавриловски, Илија Гавриловски, Спиро Гавриловски, Ѓоко Гигов, Апостол Ѓ. Герасимовски, Димитрија Дамјановиќ (Диме Л'жго), Ецо Димитриевски, Илија Димитриевски, Глигорија Димитриевски, Димитрија Б. Димитриевски, Јован Димитриевски, Јован Димовски, Јордан Дојчиновски, Нофо Димовски, Младен Димчевски, Апостол Ѓерасимовски, Трпе Ѓерасимовски, Илија Б. Ѓеровски, Спиро Ѓоловски, Ано Ѓорѓевски, Анто А. Ѓорѓевски (симитчија), Билбиљ Ѓорѓевски,Петар Ѓорѓевски, Давид Ѓорѓевски, Мио Х. Ѓорчески, Михајло Х. Ѓорѓевски, Евстратие Ѓорѓевски, Никола Ѓорѓевски, Стојан Ѓорѓевски, Лазар Х. Ѓорчески, Насто Ѓорѓевски, Захарие Ѓорѓевски, Душан Х. Ѓорчески, Мио Ѓорчески, Ристо Ѓуровски, Милан Евросимовски, Ецо Жиучанец, Јован (Иван)Зафировски, Ристо Зафировски, Трифун Златановски, Столе Ивановски, Серафим С. Ивановски, Јован (Иван) Илиевски, Евстратие Илиески, Стојко Исаевски, Трпе И. Исаковски, Ристо Јакимовски Фалабогу, Атанас Р. Јакимовски, Велко Јаковски, Софронија И. Јакимовски, Ѓорче Јаневски, Сане Ѓ. Јаневски, Душан Ѓ. Јаневски, Михаил Ѓ. Јаневски, Лазо Јаневски, Стоилько Јаневски, Спасен Јанчевски, Јован С. Јанчевски, Ѓорѓи С. Јанчевски, Ацо Г. Јовановски, Коста Јовановски Јајчар, Младен Јовановски, Трпко С. Јовановски, Томо Јовановски, Ристо Т. Јовановски, Миљан Јовановски, Петре Јовановски, Самоил Коцевски (симитчија), Мито Кочовски, Ане Д. Костовски, Димитрија Костовски, Арсо Каранфиловски, Стојан Каранфиловски, Милан Костоски,Ацо Крстовски, Анание Костоски, Блаже Лазовски, Илија Лазовски, Ананија Левковиќ, Александар Д. Матовски, Панта (Пано) Митровски, Симо Мирчески, Димче Манојлоски, Младен Мишевски, Блажо А. Манојловски, Тома Милевски, Диме Милевски, Ецо Мисајловски, Ристо Миловановски (Ристо Фалабогу), Стојан Миловановски, Андро Н. Миленковски, Мито Момировски, Тодор М. Момировски, Никола О. Милошевски, Глигорие Николиќ (Ѓиго Ќемане), Трипун Николовски, Тодор Наумовски, Андреа Наумовски, Стојан Настоски, Илија Настовски, Веселин С. Петковски, Атанас Петровски, БлагојаН. Петровски, Трипун Петровски, Наум Петровски, Јован Петровски, Љубомир А. Петровски, Ѓеро Петрушевски, Здраве Савевски, Стојан Саровски, Стојче Стојановски, Јован Стојановски, Блаже Серафимовски, Трифун Серафимовски, Цветан Силјановиќ, Ристо Стевовски, Никола Т. Савевски, Цветан Смиљановски,Глигорија Серафимовски, Симо П. Стојановски, Тевдо Симчевски, Апостол Стевановски, Тодор Савиќ, Стеван Спасеновиќ, Стојан Стојковски, Јован Стојановски - Јоше Менушин, Ристо Стефановски, Ѓорѓија М. Стефановски, Атанасија Синадиновски, Михаил Спасеновски, Трипун Спасеновски Пуљпуљ, Славко Н. Симовски, Ставре Т. Столевски, Борис Трповски, Александар С. Трпковски, Младен В. Трпковски, Трпко Р. Трпчевски, Тевдо А. Трпчевски, Атанас Трпановски, Коце Тофиловски, Михајло Тодоровски, Милан Евросимовски Тевдовски, Цветан Томовски, Стојан Томовски Шваба, Велјан Фурнација, Кузман Филиповски и др. Во 1946 година како фурнации се воделе: Стеван Петровски, Димче Маноилоски, Тисе Настоски, Димче Апостолоски, Анто Б. Петровски, Спасо Симјаноски, Драган Мисоски, Душан Ѓ. Јаневски, Блаже Јовановски, Гавро В. Васовски и Косто Т. Стојаноски[815].

Пушкари (Туфекџие). Тетово, уште од почетокот на 19. век било познато во поширокиот регион на Балканот по изработка на пушки[816]. Пушките произведувани во овој град биле познати под името *тетовки* или *тетовски мартинки*. Со оглед на тоа што во Тетово во тоа време биле стационирани околу 1000 војници на Рецеп паша, овој занает брзо се развивал и проширувал, а според Сане Гуле тогаш имало околу 40 работилници за производство и околу 120 пушкари, кои пак работеле за 12 големи семејства кои ги знаеле сите тајни на занаетот, чии производи се продавале ширум царството. Јордан Х. Цинот работел во Тетово една учебна година во тетовскот училиште во средината на 19. век и во една своја дописка во "*Цариградски весник*" запишал дека во Тетово се правеле најдобри пиштоли, пушки и ножеви. На големиот прилепски панаѓур се продавале и тетовските пушки а во 1875 година е забележано дека со пушките на панаѓурот е остварен промет од 1000 до 1500 лири. Ова оружје се произведувало покрај реката Пена над самиот град во месноста наречена "Чаргои", а името го добила по работилниците крај реката во кои дупчалките за цевките се вртеле на оски со помош на чаргови, придвижувани од водената сила. Најголем број на пушкари т.н. туфекчии биле Турци но имало и Албанци и на крајот и еден Србин од Призрен, Ѓорѓе Шурдиќ кој во Тетово се доселил за време на илинденскиот период. Ѓорѓе, продолжил да работи и во перодот меѓу двете Светски војни и тајните на својот занает му ги предал на неговиот син Мирко. Мирко за време на Втората светска војна поправал пушки за потребите на партизаните во Тетовско[817]. Како поправач на пушки познат е и Томо Шипка, кој истовремено поправал и велосипеди.

До 1900 година имало имало оклу 60 пушкарски работилници и сите биле во рацете на Турците. Но тие за своите потреби, врзувале и други занаети, со вкупно 300 - 400 занаетчиски работници, со чија помош се произведувале *сите можни видови оружје*[818]. Тие во тоа време добро работеле и заработувале. Од тогаш се намалувале, за да во 1908 година за време на Хуриетот сосема прекинале по наредба на турските власти и истите биле разместени во војската како државни мајстори[819]. Имено, со царски ферман биле исселени од Тетово за

---

[816] М.Х., Тетовска мартинка на изложба во Чикаго, Полог, Тетово, 25. 10. 1973; Ѓурѓица Петровиќ, Оружарска дејност во Македонија во предилинденскиот и илинденскиот период, ИНИ, Илинден 1903, Скопје, 1970, 219;Ѓурѓица Петровиќ, За тетовските пушкари, Седми конгрес на сојузот на фолклористите во Охрид, 1960, Охрид, 1964; Душко Варналиев, Тетовското Харабати теќе низ народните преданија, Нова Македонија, Скопје 1953; Тетово и тетовско низ историјата...223; Данчо Зографски, Одбрани дела, Наша книга, Скопје 1989, 243; Кузман Најденовски, Тетово во минатото, К.Н. Тетово, 1964, 42; Најстари тетовски пушкари биле претците на семејствата Каро и Кајкуш, одметници од турската војска, а во Тетово нашле заштита од тетовските полусамостојни паши. Вистинскиот процут на занаетот се случил во зенитот на владеењето на тетовските паши во првите децении на 19 век. Од тоа време посебно се издвојуваат со својот квалитет и убавина, производите на мајсторот Али Јахја и тоа пушки,фишеклии,ножеви и др.

[817] Свето Тоески, Тетовските пушкари правеле мартинки у берданки за илинденците, Вест, Скопје, 26/27. 06. 2004, 11.

[818] Мишайков Д., Македонић . . . цит. дело, 38.

[819] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 137.

Цариград сите преостанати мајстори со нивните 40 работници, каде што биле вработени во помошната воена индустрија.[820] Основната причина за ваквиот потег на турските власти е што пушките масовно се купувале за потребите на македонските комити за време на Илинденското востание, но и подоцна од членовите на ВМРО и четите низ Македонија[821].Весникот *Глас Пологa,* потсетувајќи на славното минато на пушкарскиот занает и Илинденското востание, покренал иницијатива, во Тетово да се отвори пушкарско училиште, но не дошло до реализација на оваа идеа[822].

Саатчии. Во Тетово имало само двајца Македонци саатчии и тоа Перо Саатчија, кој претходно бил пиљар и делимично занаетот саатчиски го научил од некој тетовски Турчин, а целосно занаетот го доучил во Скопје. Вториот сатчија се викал Лазар Ников Блажевски – Лазо Саатчија или Лазар Ј. Мичевски, кој по неколку години работа во Тетово се преселил во Кичево[823].

Самарџии. Меѓу најстарите занаети во Тетово бил самарџискиот занает. Со сигурност се знае дека него го има во вој град уште во средниот век[824]. Посебен поттик за самарџиството биле неизградените планински патишта кои воделе до голем број на села, во и преку планините Шар Планина, Сува Гора и Жеден. Не постоела речиси ниту една селска куќа без товарно животно. Преку Тетово патувале и кирациите, кои купувале самари во овој град.

Од 1880 до 1912 година, па и подоцна самрџиството како занает бил во постајан успон[825]. Во Тетово, пред балканските војни, според едно истражување имало 25[826] а според друго 16 христијански самарџиски дуќани. секој дуќан имало и по еден чирак. Самарите ги продавале во Тетово и Гостивар. Годишната заработувачка била од 750 до 1.000 динари[827].

Самарџиството како занает започнало да опаѓа дури после Втората светска војна, кога во Тетовско се изградиле добра мрежа на автомобилски и колски патишта, како и железница. Така во 1929 година бројот на самарџиите во Тетово опаднал на 17, а во 1946 година биле 11[828].

Самарџиските дуќани никогаш не биле концентрирани на едно место во градот, туку растурени воглавно по улиците низ кои се влегува во градот: *Масларски пазар, Горна Чаршија, Поток маало и Гостиварски пут*[829].

---

[820] Кузман Најденовски, Тетово во...42.
[821] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Тетово и Тетовско во Илинденскиот период 1895 - 1905, ДАРМ, Скопје, 2003, 23 - 51.
[822] Глас Полога, Тетово, 90, 15. 12. 2.
[823] Драго Симовски, цит. извор, 08.12. 2005.
[824] Јован Ф. Трифуноски, Самарџијски занат у Тетову, Bulletin of the etnogapfic museum in Beograd, volume 46, Beograd, 1982, 119.
[825] Истото, 120.
[826] Истото.
[827] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136 - 137.
[828] Јован Ф. Трифуноски, Самарџијски занат . . . цит. дело, 120.

Овој занает во градот го работеле христијани и тоа Македонците и понекогаш и по некој Влав. Во некои семејства и три генерации го работеле тој занает[830].

Во самарциските дуќани работел мајстор, кој бил и сопственик на дуќанот и еден платен работник. Ортаклук имало на браќа но поретко. Работникот ги работел сите работи кои се барале од него и по три години добивал звање на мајстор. Самарите се продавале во дуќанот каде што се изработувале а сезоната на продажба најмногу била во периодот од почетокот на пролетта до крајот на есента[831].

Еснафотна самарџиите[832] во Тетово најдобро функционирал до 1912 година. После тоа започнала полека да замира неговата активност. Еснафот имал свои непишани уредби на кои сите занаетчии се придржувале. На чело на еснафот стоел *Еснаф-ќаја*, биран на една година. Ги застапувал интересите пред властите, ги унапредувал чираците во калфи, а нив во мајстори. Еснафот имал и своја каса со која се помагало на сиромашните или настрадани членови а истиот имал и свој еснавски суд.

Еднаш годишно на својата еснавска слава *Петровден,* еснафот одржувал *збор.* Внатре во еснафот, самарџиите се помагале меѓу себе, доколку се јавела таква потреба.И покрај тоа што по 1918 година постоело Занаетчиско здружение во Тетово, самарџиите ја одржувале својата еснавска организација, но во помал обем[833].

---

[829] Истото.

[830] Истото, 121. Материјалите од кои се изработувале самарите (коњски и магарешки) лесно се набавувале во околината; Тие материјали се: *заире* (од буково, јаворово или јасеново дрво, *клашна* (врста на попроста волнена ткаенина), *мешин* (од кожа), *чуканица* (слама) и *коноп.* Самарот бил составен од два дела: *стела* и *дрвеница.* Термини: *труп, чукало, токмак, тесла (права и крива), тестера, челично глето, сврдле, дулпија, ручен струг, срп, ножици, зумба, клешти, аршин, самарџиска игла, навалица, клашна, мешин, чуканица, канап, стеле, дрвенице, предни облук, чатал, задни облук, поребеници, калуѓерица, крпеница и др.*

[831] Истото, 122.

[832] Истото.

[833] Како посебно добри мајстори се споменувале во Тетово Стеван, Ристо, Гаврило и Васил кои умреле по првата светска војна. Нивните семејства, потекнувале од доселениците од планинските села Брезно, Варвара, Лавце и др[833]. Други самарџии биле: Ѓорѓи С. Аврамовски, Трајко Апостоловски, Гого Ацев Самарџија, Тодор Ашовски, Трпе Будимовски, Гаврило Глигориевски, Јован Димчевски, Петар Димчевски, Симо Димчевски, Трпе Ј. Димчевски, Александар Г. Ѓорѓевски, Петар Ѓеровски, Евче самарџија (кичевчанец), Трпе Зафировски Загорица, Петре Карајанко, Аце Самарџија, Петре Јовановски, Стеван Јовановски Шутомир, Томо Јовановски, Глигур Јовановски, Тодор Јовановски, Ѓорѓе Д. Јовановски, Јован. К. Јовановски Карче, Јанаќија Самарџија, Симо Евчески, Димитрија Костоски, Јордан Кочовски Бучко, Спиро Крстевски, Петар Карајановски, Божин Р. Михајловски - Божин Трска, Ристо Михајловски Трска, Милан Серафимовски, Јован Т. Симовски (Јоше Карче), Синадиновски Т. Симо, Јован Тодоровски, Гаљо Кљок и др. Самарџии во 1946 година биле: Јоше Костоски, Томо Јованоски, Димче Јовановски, Трпе Симоски, Миљан Е. Андрески, Петре Г. Карајанкоски, Трпе Зафироски, Трпе Ќафо, Тодор Ј. Ашоски, Христо Михајлоски, Божин Михаилоски, Диме К. Николски, Стојан Спасески, Љубе Р. Трпчески, Јордан С. Кочовски, Глигур Закоски и др. (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 45/ 589 – 602.)

Сапунции. Во 1913 година имало само еден сапунџија[834].Сапуните биле изработуванаи на основа од свинска маст.

Свеќари (тет. мумџие). Во 1913 година имало само еден свеќар[835] - Јане Мумџија.

Слаткари. Во Тетово пред Втората светска војна (1939 г.), се споменуваат две слаткарници [836] , едната била на Петре Јовановски Слаткарот и втората на Рафајло Стефановски[837].

Столари (тет. Дограмаџие). Пред 1912 година имало 10 македонски и 4 турски работилници. Годишната заработувачка била од 500 до 600 динари. Работата одела слабо, а изработките биле технички слаби[838].

Во периодот меѓу двете светски војни столарството како занает имало свој подем[839], особено оние кои се занимавале со изработка на прозорци и врати, со оглед на се поголемата изградба на современи куќи и нови објекти на државните и локалните институции но и многубројни предмети од дрво за секојдневна употреба[840].

Меѓу столарските работилници посебно се истакнувала онаа на Глигорије (Глиша) Костоски, која имала дваесеттина работници, меѓу кои и мајстори од Војводина, кои изработувале стилизиран мебел, како трпезарии, спални, салони претсобја и кујнски мебел, според претходно договорени нацрти. Врв на работата на оваа столарска работилница е изработката на кабинетот на Банот на Вардарската бановина во Скопје[841].

Карактеристично за работењето на овој занаетчија била употребата на рекламата, користејќи ги печатените медиуми во Тетово и Скопје[842], како и изработка на печатен рекламен

---

[834] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 137.
[835] Истото.
[836] Но под слаткари се воделе и Велимир С. Малевски, Сима Митрушевски, Матеа М. Момировски, и др. Во 1946 години со овој занает работеле: Ќирко В. Кочовски, Рафе С. Анѓелковски и Петре Т. Јовановски, Панта Силјановски, Стеван М. Серафимовски Ќориот (ориентален слаткар) и др.
[837] ДАРМ, Одд. Тетово, Здружение на занаетчии Тетово, (1921 – 1961), АК – 1. Овластувања за извршување на занаетчиска дејност.
[838] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 136.
[839] Јаким Синадиновски, Некои општествено – економски . . . цит. дело, 88.
[840] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006. Било кое дрво се сечело од 15 декември до 15 јануар, затоа што *тогај дрвото е мртво.* Потоа трупот се оставал да одлежи три месеци, *да зоврие неговиот софт.* Ако не помине тој период, дрвото се *корити* (се извитоперува). После тој период не фаќа црвоточина. Саво Ацисимов, со неговиот син Драго изработувале голем број на предмети: прозори, врати, скали, патосници, маси, столици, излози за дуќани, скии, санки, патосници за автомобили, дајриња, садови (склопник – сад со капак во кој овчарите чувале урда).
[841] И денес овој кабинет го сочувал својот автентичен изглед, така што истиот се користеше како кабинет на Претседателот на државата на Р. Македонија се до 2009 година.
[842] Вардар, Скопље, бр. 52, 26. 01. 1933 год., 4.

материјал. Бројот на овој вид занаетчии бил голем[843]. Од столарите формирана е Столарска кооперација *Будуќност*[844].

Табакничари (тет. Табачари). Табакниците во Тетово ги имало уште од самото доаѓање на Турците. Во 1567/68 ги имало дури 30 и сите биле во сопственост на муслимани[845]. Во втората половина на 19. век, на реката Пена во горниот дел на градот имало повеќе табакници за да во 1909 година биле само 6 и тоа во долниот дел на градот на новото речно корито[846]. Во 1913 година имало 5 табакници и со нив работеле Турците. Изработувале мешини за самарциите и чевларите и тоа само за меки и шиени обувки и разни други потребиза домаќинството како што биле: басаги (тет. - бисаѓе), торби, фрчои, кал'фи (футроли за чибуци), кубурлуци, тутун кесиња и др. Заработувале од 1.000 до 1.200 динари[847].

Во 1946 година,евидентирани се две табакници – кожарски работилници: Браќа Мишковски и Табачарска Кооперација Пена[848].

---

[843] *Столари:* Душан Аврамовски, Васил Аврамовски, Тодосија Ананиевски, Младен В. Аврамовски, Петар Ацевски, Ќирко С. Аневски, Милан Анѓелковски Тишлер, Тодор Алексоски, Јован А. Божиновски, Ристо Беломаче, Томо Н. Блажевски, Петар Ј. Богдановски, Спасо Гавровски Жилчанец, Крсто Гавровски, Трпко Гавровски, Илија В. Гавриловски - Иљо Сељакот, Јордан Гавриловски, Димитар Галевски, Ќирко В. Герасимовски, Вукашин М. Герасимовски, Лазар Глигориевски, Санко Грнчаровски, Трпко Д. Дамјановски, Петар Р. Димитриевски Ерцег, Ристо И. Димитриевски, Угрин Дограмаџија, Славко К. Ѓеровски, Ристо Г. Ѓорѓевски, Ѓорче А. Ѓорчевски, Тодосија Ѓорчески, Живко П. Ѓорушевски Ѓоруш, Томо Ефремовски, Јован Зафировски (Јоше Лепур), Војо Зафировски, СтојанЗафировски, Владимир Г. Зафировски - Владо Метро, Никола Г. Зафировски, Томо Т. Зафировски - Пинѕур, Јован Змејковски Змејко, Томо Змејковски, Стојан П. Илиевски Кекељ, Благоја С. Илиевски, Илија Илиевски - Иљо Биба, Панта Исаевски, Стојан Јовановски Јогунче, Угрин П. Јосифоски, Љубомир Јосифовски, Ефрим П. Јосифовски - Ефрим Гоутнипаре, Благоја Јовановски, Михајло Јовановски, Чедомир Јефтиќ, Диме Киров, Божин С. Мановски, Љубе С. Мирчевски, Славко С. Михајловски, Јастро Момироски, Томо Ј. Момировски, Милош Мојсиќ, Стеван Момировски Мркало, Ѓоко Миловановски, Лазо Миновски, Соломон Х. Марковски, Глигорие Николовски (Ѓиго Ќемане), Душан М. Николовски - Река, Ќирило Ј. Николовски, Тоде Никловски, Саво Ѓ. Ноневски, Благоја Д. Нушевски, Мито Петровски, Угрин Петровски, Никола С. Петровски, Тофил Петровски, Симо А. Петрушевски Батлак, Глигорие Ѓиче Ј. Павловски, Веселин Пандиловски, Пајсија Р. Периќ, Петар А. Петровски - Петре Шикла, Милан С. Ристоски, Драго С. Симовски Драгулинка, Димитрија Станковски, Борис Ѓ. Спироски, Саво Аџи Симовски Дограмаџија, Стојан К. Симовски, Иван К. Симовски, Славко Симовски Цико, Сане Симовски, Х. Трпе Симовски, Стеван Д. Силјановски - Стеван Пореч, Боривое С. Спасовски, Спасо И. Србиновски, Боривое П. Стефановски, Јован С. Стефановски - Јошко Теле, Стојан Стефановски Черенко, Петре Стефановски, Јован З. Савески, Тодор П. Стефановски Черенко, Тодор Спировски, Живко П. Стаматовски, Методија Т. Стојановски, Блаже Тасевски, Марко Тасевски, Аџо Тулевски, Панта К. Теофиловски - Пано Тренте, Коста Б. Трпевски - Коце Меќик, Трпе Д. Трајковски - Трпе Чуече, Благоја Т. Трпковски, Бранко Н. Томовски, Димитрие Ќироски (Диме Глуфќиров), Благоја Ј. Урошевиќ Чварка, Коле Филиповски Мечкарот, Петрар Х. Иљоски, Трпе Чуече и др.Како столари во 1946 година се воделе: Пано М. Филиповски, Ристо С. Симјаноски, Глиша Костоски, Саво Симоски, Глигор Николоски, Стојан С. Симјановски, Анѓеле Ѓуроски, Миле Анѓелкоски, Јастро Момироски и др.(ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 45/ 589 – 614).

[844] Истото, 45/ 609

[845] Стојановски Александар, Занаетчиската дејност . . . цит. дело, 123.

[846] Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској области, Братство, Београд, 1938, 15.

[847] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 135.

[848] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 46/ 639 – 640.

Ќуркчии (тет. – ќурчије, кожуари). Кожуарите изработувале производи од кожа за облекување и предмети за домаќинство, за селското стопанство и т.н[849]. Најважниот производ на кожуарите бил кожуфот, со кој се облекувале сите во Тетово и тетовско во особено во зимскиот период. Во триесеттите години, во градот кожувот масовно се заменувал со капутот и со тоа, работата на овој занает стагнирала. Македонците овој занает во Тетово го работеле уште во 15. век. Штавените кожи биле козји и овчи. Козјите се викале *сафтиани* а јагнешките *мешини*. Ќуркчиите произведувале елеци, *кожуви* за овчари, бундичиња за деца, *постае* и друго се од овча кожа и ќуркови[850]. Дел од производите, покрај домашниот пазар се продавале во Австрија[851]. Пред балканските војни во градот имало 10 ќуркчиски дуќани од кои 6 кожувари (тет. кожуари). Кожуварите имале по 2 до 3 калфи, а ги плаќале од 300 до 750 динари годишно без храна а самите заработувале од 1400 до 1600 динари. Производите ги продавале во Тетово и Гостивар. Еснавска слава на ќурчиите била *Св. Илија.*

Урдари. Урдата била мошне присутна во исхраната, особено меѓу сиромашното население. Во Тетово имало неколку семејства кои правеле поголеми количини урда[852].

---

[849] Ќуркчии: Тоде Ашовски, Нико Блажевски Кожуар,Мина Божиновски, Милан Василевски - Миле Ќурчија, Димитрија Васовски - Диме Цуро, Јован Гавриловски, Милан Глигориевски, Глигур М. Глигуриевски, Трпко Дамјановски, Атанасија Ѓероски, Циповци: Марко А. Ѓорчевски, Андро Ѓорчевски, Борис Ѓорчевски, Димитрија Ѓорѓевски, Тодор Ѓорчевски, Крсто М. Ѓорчевски, потоа Илија М. Илиески, Миле Јовановски, Јосиф Јосифовски, Диме Јовановски, Томо Ѓ. Јовановски, Тодор Јовановски Цира, Андреа Матоски, Матовски Јово, Јован Мишковски Цира,Блаже Најдовски, Гаљо Кожуар, Јован Пецовски, Томо Поцовиќ, Благоја Серафимовски, Бориз Серафимовски, Јордан А. Сотировиќ, Симо Тофчески, Ципа, (работници кај него: Томо Љунга, Видоја Миловановски, Томо Ц'цкар, Миљан Бувко), Лазо С. Тофчевски, Сане С. Тофчевски, Јоше С. Тофчевски и др.Во 1946 година како ќуркчии работеле: Борис Ѓорчески, Марко Ѓеорѓиевски, Андро Ѓ. Петровски, Сане Тобрчески, (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 46/636 – 638), Диме К. Пероски и Атанас Илијески (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 39/ 440 – 443) и др.

[850] Борис Ѓорчески (1911 - 2011), пензионер од Тетово, изјава 24. 10, 2006, 25. 10. 2006, лична архива, Б.С. *Сум бил ќурчија и сум сменил 6 дуќани. Сум работел од 1924 до 2002 година* (78 години работен стаж)*Смо произведувале елеци, кожуви за овчари, бундичиња за деца, постае и друго се од овча кожа и ќуркови, свечено палто за невестата албанка. Мајка ми викаше: учи бе дете, имамо паре а ја сакам занает. Мие смо дошле од Црна Гора у Брезно (село во Тетовско). У Тетово прадедо ми Ѓорче се преселил околу 1830 година и работел како ќурчија. Од 12 године, во 1924 година ступив на работа и у рок од 24 године, татко ми мѝ го предаде дуќанот, зашо многу ми идеше работата. Сум имау помошници: Томо Љунга, Видоја, Томо Ц'цкар, Миљан Буфко и др. Смо купуале кожа од салани (касапи) и од ќајљари. Еден ќаја Абедин имаше 10 000 овце. Овцете когај ишле на Шара или у Велес и Штип – Овче поле, три д'на проаѓале низ град. Прво ќе га турим кожата да се иск̀исне, најмалу еден д'н. Ќе се исече и ќе се направе на постаѓие. Ќе се тури у каца и калофер на дрво на кој се струже кожата со метален нож. И ќе га оперем и ќе га стаем да се штавуе у каца од 200 кила. У кацата вода, соу 5 - 6 кила, 20 кила ченкарно брашно или трице и малу солна киселна (едно шише). Таќе седи 15 д'на. Се суши кожата 2 – 3 д'на и таја се приберуе, когај ќе га доработам. Према сл'нцето ќе га турим 10 дна да лега и ќе се исквaси на чешма и 5 – 6 саата дур омекне. После ќе га тегнем на нога и ќе се отвори. Прво кожата смо га стругале ручно а кој дојде струја на машина.Покрај река имавмо кожара со 8 собе и 8 визбе и чардак 30 метра дл'г. Собете смо ги издаале на Албанци и тамо праеле мешини за дајриња, самари и др. Туека смо штавеле коже. Турците држеа табакаане покрај река а Македонците беа ќурчије 5 – 6, ама имавмо највише работа. 80 Године сум работел со никого не сум се скарау. Многу сум соработуеу со ќурчије од Скопје и Куманово. Дур бев помлад имавмо еснаф.*

[851] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 1, Наша Книга, Скопје, 1986, 434.

[852] Урдари: Серо Урдар, Пано Урдар, Гаљо и Миљан Урдарчиња, Пано Васоски и др.

Фризери. Во триесеттите години, според новите потреби на тетовските жени, во градот се отвориле и фризерски салони. Познати женски фризери биле Гиче Бојаџиев Берберот, Вељо Биљбиљоски, Слободан Мојсиќ, Марјан и др. Овие фризери, претходно работеле други занаети, но се преориентирале според барањата на пазарот.

Фотографи (Кадрације). Прв фотограф во Тетово бил Ристо Кадрација, односно Ристо Даниловски, кој имал свој фотографски дуќан во градот уште пред 1900 година[853]. Тој во своето фотографско ателје чувал повеќе различни народни носии и ги сликал сите оние кои скале да се сликаат во нив[854]. Фотографи со фотографски дуќани, меѓу двете светски војни, кои оставиле зад себе голем фото-документарен материјал биле Стојан Иговски и Илија Грнчаровски. Во Тетово како фотографи работеле и Михајло Грнчаровски, познатиот кумановски фотограф Ѓорѓи Малински, а пред карајот на овој период и браќата Мирко и Тодор Торба, кои работеле без свои фотографски дуќани[855].

Во 1946 година како фотографи работеле: Спасо Милошески, Стојан С. Игоски, Михо П. Грнчароски и Илија Грнчароски[856].

Часовничари (тет. Саатчие). Пред балканските војни од 7 часовничари во градот само еден бил Македонец. Најдобриот мајстор можел да заработи од 1.000 до 1.200 динари а другите по 400 дин.Во 1946 година, како саатчија работел: Петар С. Анчевски, Никола Митрушески[857].

Чевлари (тет. Кондурације и Крпачи)[858]. Тетовските чевлари своите производи ги продавале претежно во тетовскиот и призренскиот регион[859]. Под чевлари се воделе и оние кои само поправале чевли, т.н. *крпачи*, но тие најчесто тие немале свои дуќани работеле на отворено.

Пред Балкансите војни некои тетовски мајстори се оспособиле да изработуваат европски модели на чевли, чизми и местии – специјални галоши за чевли, со патент на топукот[860]. Еден од најпознатите чевлари од Тетово, Миче Антовски Батлак, од Горна Чаршија,

---

[853] Драго Симовски, цит. извор, 02.12.2005.
[854] Истото.
[855] Истото, изјава 05. 12. 2005.
[856] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 48/ 641 – 645.
[857] Исроро, 45/ 570 – 579.
[858] Драго Симовски . . . цит. извор, 21. 11. 2007.Термини: *мешин* – мека кожа, *бокс* – цврста кожа, *пумпа* – преден дел, *тврдило или ќирим*, - обложување, *дик* - круто, *укче* – заден дел, *ѓон*, *пуштија* – лицето на чевлите и др.
[859] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 40. Македонското население од Призренско од областа Гора, кога оделе на печалба есенско време на југ кон егејскиот дел на Македонија, во Тетово купувале чевли за продавање и подароци. Во пролет кога се враќале дома, повторно, купувале чевли во Тетово за себе и своите домашни.
[860] Истото.

изработил *местии* и ги испратил на Султанот Амит, од кого добил одликување – орден и парична награда[861].

Во 1913 година, во Тетово имало 42 чевларски дуќани, од кои 38 биле македонски а 4 турски. Од овие 15 имале калфи и тоа од нив 6 имале по 3 до 4 калфи, а останатите од 1 до 2 калфи. Останатите работеле сами. калфите работеле за годишна плата од 400 до 500 дин. Мајстор со 4 калфи годишно може да заработи околу 600 динари за капитализација, а мајстор со еден калфа заработувал околу 800 динари.

Чевларите кои во Тетово ги имало повеќе, а се истакнувале со својот квалитет, не можеле да се спротивстават на производите на големата чешка фирма *Бата*, која со отворањето на свои дуќани речиси во сите поголеми градови на Македонија[862], им задала голем економски удар и на тетовските чевлари. *Бата* во Тетово настапувал и со активна реклама по улиците на Тетово а се рекламирал и во локалниот весник *Глас Пологa.* За својата подобра конкурентност, дуќанот, оваа фирма го преселила надвор од градот за да се ослободи од градската такса. Тетовските чевлари не биле спремни да се спротивстават на ваков нов тип настапи на пазарот, иако истите организирале и штрајк против оваа фирма на 25. 01. 1936 година[863]. Еснафскиот празник, чевларите го славеле на празникот *Св. Спиридон*[864]. Чевларите според бројот се меѓу најзастапените занаетчии во градот[865]. Од чевларскиот еснаф произлегла и Производителна кондураџиска кооперација *Трпе Гически – Мишка.*

---

[861] Истото. В.Д. Чудесни чевли што го подигнале угледот на тетовскиот еснаф, Нова Македонија, Скопје, 18. 06. 1961, 10.

[862] Илија Симић, Какве су прилике занатства у Вардарској бановини и неколико речи о раду Занатске коморе у Скопљу, Глас Пологa, бр.236, 24. 07. 1937, 2; Глас Пологa, Тетово, Слава обуќара у Тетову, 28. 12. 1935, 3.

[863] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 98 – 100; Глас Пологa, Тетово, бр. 148, 25. 01. 1936, 1 – 2.

[864] Глас Пологa, Тетово, Слава обуќара у Тетову, 28. 12. 1935, 3.

[865] Чевлари: Глигорије Ананијевски, Никола М. Анѓелковски, Никола Поп Ановски, Андреја Н. Ановиќ, Михајло Антовски (после био шофер), Ристо Антовски, Младен Р. Антевски, Драгомир Р. Антевски, Петар С. Аневски, Трпе Апостоловиќ, Тодор Ј. Апостоловски, Душан Т. Андоновски, Атанас Бабин, Ристо Божиновски, Љубомир В. Божиновски - Љубе Пиш, Петар Божиновски Ѓупе, Александар Т. Бошњаковски, Коста С. Василевски, Василевски Ѓорѓе - Ѓоре Кондураџија, Петар Б. Васоски (женски чевлар), Цветан Х. Василевски, Димитар Василевски - Липиска, Илија Ветеровски, Глигорија Ветеровски Ветер, Цветан Војновски, Трпе Велевски, Павле Н. Велјановски, Ристо А. Галевиќ, Трпко Галиќ, Аце Грнчароски, Александар Гичевски (Сане Ѓечо), Ристо Гавровски, Диме Гавровски Кара, Јован Гавровски (крпач), Драган Гавриловски, Ќирило Гавриловски, Илија А. Гичевски, Трпе Гичевски, Ѓоре Глигориевски, Трпко Димитриевски, Јордан Глигориевски, Глигор Димитроски, Деспотовски Пано, Глигорие Ј. Ѓеровиќ, Христо Ѓ. Ѓеровски, Јован Ѓ. Ѓеровски, Александар Ѓечевски - Сане Ѓеко, Илија А. Ѓечевски, Стојан Ѓорчевски (крпач), Јован Заковски, Боривое А. Илиевски, Драган Илиевски, Наста Илиќ, Александар С. Исајлоски, Томе Г. Јанкуловски, Петре Јовановски Ќепе, Славе Ѓ. Јовановски, Коце Јовановски Карче, Милан К. Јовановски, Симо К. Јовановски, Трпе Јовановски Бошњак, Ристо Јовановски, Глигорие Јовановски Димитриевски (Ѓиго Кобилче), Душан В. Јовановски Кртак, Димитрија Јосифовски, Никола Ќ. Јовановски, Благоја Ј. Костовски Благуњче, Симо Костоски, Боро П. Марковски, Јован Матовски, Ѓиго Д. Матовски, Младен Михајлоски, Ѓоце Митруш, Гаврило Гашо Д. Михајловски (Перац), Чедомир Михајловски, Благоја М. Митовски, Захарие М. Митовски, Петар Митровски, Тодор Мишковски, Ристо Михајловски, Стеван Мисајловски, Јован Настовски,

Чибукции. Овој занает се споменува дека постоел во Тетово и тоа само една работилница[866].

Шеќерџии. Во турскиот период шеќерот бил ефтин и овој занает добро живеел, но по Балканските војни овој продукт станал скап и шеќерџиите или бонбонџиите ги зафатила криза. Бонбоните се трошеле за време на славите, свадбите и други прослави. Во градот во 1913 година имало три дуќани и тоа работеле без калфи. Во турскиот период заработувале по 400 до 500 динари. Во 1913 година работата одела доста слабо бидејќи шеќерот бил многу скап. Шеќерџиите произведувале и продавале благи бонбони во разни форми: чибучиња, нанеаѓи (зеленкасти со нане), нубет шеќер, пенџир шеќер (шеќерчиња ви вид на дршка од чадор или прави) и сл[867]. Покрај занаетот, дополнително овие луѓе работеле и градинарство[868]. Познати се имињата на шеќерџиите Михаил Спировски и Насто Велјановски.

Занаети во градот кои ретко или воопшто не ги работеле Македонците и некои државни и општински служби биле: ***коачи, салепџие, содаџие, сарачи, афџие, сладоледџие, чајџија*** и др.

Други занимања и занаети кои постоеле во градот а ги работеле Македонците биле: ***алваџија*** (Тодосија Василевски,) ***анџија*** – угостител, ***амаџија*** - бањар, ***амау*** – носач (Глигорие Ѓорѓевски Желино), ***арабаџија*** - превозник (види сообраќај), ***басмаџија*** (види: трговци), ***брашнар*** (види трговци - брашнари), ***беледија*** – комунален техничар (Ано Ѓорѓевски(иќ) Беледија), ***благајник*** (Миленко Радичевиќ, Никола Стојчевски), ***бозаџие*** (Трпко Дамјановски), ***градежен техничар***(Антун Славујиќ, Круме М. Лале,), градски ***геометар*** (Феликс Јаблановиќ), ***гурбетџија*** – печалбар (види - Печалбарство), ***гојдар*** – сточар, ***демирџија*** – железар, ***добошар*** (Младен Богоевски), ***евзаанџија*** – аптекар (види здравство), ***електромонтер*** во тетовската хидроцентрала (Александар Ј. Николовски,), ***електроинсталатер*** во тетов. хидроцентрала (Илија М. Илиевски - Иљо Цинго), ***еќим*** – лекар (види здравство), ***инжињер*** (Ѓукиќ Живорад,), ***изметчија*** – послуга за свадби, ***казанџија***, ***кантарџија*** -

---

Алексо Настоски, Душан Никушев, Симо Г. Нофовски, Стојан Т. Наумовски, Апостол Петровски, Василие Т. Петровски - Васо Бабасељо, Душан Цветановски, Томо Савин, Пано Сароски, Анастас Спировски - Наце Ветер, Стеван Н. Скаловски, Милош Ј. Серафимовски, Наце Поп Серафимовски, Томе Спировски Ветер, Цветан Станоевски, Симовски, Чедомир Стефановски, Томо Стојановски, Душан Ц. Стојановски, Ѓорѓе Серафимовски, Томо Тиревски, Никола Теофиловски, Душан Тодоровиќ, Томо Тимосиевски, Василие Т. Томиќ, Мита Томиќ, Крсто Томовски, Стојан Томовски, Томе Трифуновски, Љубомир Д. Ќировски Глуфќиров, Михајло Л. Цветковски Кулак и др. Во 1946 година како чевлари работеле: Душан Т. Андоновски, Петре Р. Аврамовски, Глигорие Аноски, Ване Т. Бушевски, Трпе Д. Веловски, Ј. Героски, Илија Т. Ветероски, Наце С. Ветероски, Душан Н. Ветероски, Сане Гички, Јордан Глигороски, Симо Костов Димовски, Христе М. Ѓеровски, Александар Исајески Мошо, Илија А. Јанакиевски, Ѓоре А. Јовановски Диме М. Јосифоски, Илија К. Наумоски, Трпе Р. Пандиловски, Душан Г. Перовски, Никола Т. Пауновски, Коце С. Савески, Пано П. Спасовски, Христо Д. Симовски, Петре Смрдељка, Гашо Тофилоски, Томо Д. Трипуноски, Диме М. Симоски, Никола Ќемане и др. (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 17, 39/ 444 – 488).

[866] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, ; Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској области, Братство, Београд, 1938, 15.

[867] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2007.

[868] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 138.

баждарџија (Тома Димитриевски, Петре Евросимовски, Ѓоре Димовски Ација, Герасимовски Манол - Мио Кантарџија и др.), ***клисар***, ***книговезец*** (Александар П. Костоски - Санко Манџа,) ***козар***, ***коџија*** – контролор за тутун (Александар Ѓорѓевски, Ѓура Поповиќ, Живојин Н. Костиќ,) ***каменорежач*** (Ѓурчиновски Анѓеле), ***катастарски работник***, ***кенлер*** (Михаил Евговиќ, Никола Н. Марковски, Томо Сичан), ***крпач*** - поправка на чевли (види чевлари), ***кувар*** (Радисав Микиќ), ***кинооператор*** (Јован Божиновски Ѓупе, Стојан А. каранфиловски Џоне), ***меанџија***, ***механичар*** (Мирко П. Иљовски Чајка), ***машинист***во тетовската хидроцентрала (Драгутин Ј. Шварц, Александар М. Нешовски - Санко Ќец, Гаврило Н. Ѓорѓевски, Буда И. Милутиновиќ, Стојановиќ Петар), ***молер*** (Владимир С. Глигориевски - Ладе Пошта), ***овчар***(види сточарство), ***лончар*** (Ристиќ Сава), ***писар – ќато*** (Кочо Богојевиќ, Соломон Т. Гавровски, Ѓиго Србинче, Лазар Аќимовиќ, Димитрија Грнчаровски, Драгомир Лазевиќ, Панта Николиќ, Крсто Глишиќ и др.), ***пољак*** – чувар на лозја и ниви (Крсто Блажевски, Гашо Глигориевски, Спасо Мицковски,), ***поштар*** (Глигорие Јовановски), ***путар*** – патар (Блажевски Андро), ***порезник***-даночник(Боривоје К. Гавриловиќ, Риста Ѓуковиќ, Ристо Џинле,), ***папуџија*** (Дамјан папуџија), ***рентиер*** – закуподавач на деловни простории под закуп (Тодор Х. Галиќ, Мино Божиновски, Драго Грнчаровски и др.), ***сараф*** – лихвар (види: *Финансиски институции*), ***серѓија*** – тезгација, ***свештеник*** (види: *Религијата во животот...*), ***скретничар*** (Мато К. Петровски), ***служител*** (Јован Алексоски Кикиш, Душан Атанасиевски, Симе Ановски, Душан Ананиевски, Михајло Анѓелковски, Миодраг Анѓелковски, Ане Богоевски, Добросав Баштовановиќ, Петар Ѓорѓевиќ, Дрецко Митрушевски, Душан З. Ристиќ, Ристо Симовски, Паскал Р. Нушиќ,), ***стражар*** (Урош Гавриловиќ, Божин Миловановиќ, Душан Атанасиевски, Евче Ѓорчевски, Јошко Ѓеровски, Петар Петковски, Ѓиго Поп Ановиќ,), ***службеник*** - ***чиновник*** - (службеник банкарски, поштенски, општински, полициски, монополски) (Јеврем Аврамовиќ, Богдан Аќимовиќ, Јован Аќимовиќ, Јован Алексиќ, Миодраг Анѓелковиќ, Павле Билбиловски, Здравко Бојациевски, Богосав Велјановски, Јован Гавровски Кара, Ристо Гавровски, Александар Галовски, Трпе Глигориевски, Стојко Гогушовски, Тодор Зациќ, Роберт П. Звајгзиглер, Александар Ѓорѓевски, Трпе Ѓорѓевски, Ѓоце Ѓорчевски, Магдалена Евгова, Анание Исаевски, Глигорие Исаевски, Ѓорѓија Исајловски, Глигорија Јовановски, Павле И. Јовановски, Јован Јовановски, Душан Д. Кировски, Милован Малевски, Зденко Новак, Ѓорѓе П. Петровиќ, Ацо Петрушевски, Димитрија Ристовски, Ристо Самоиловски, Стојан Томиќ Шваба, Тодор Х. Тодосиќ, Душан Д. Ќировски,), ***седлар*** (Јордан Ѓорѓевски,), ***сметководител*** (Здравко Бојациевски), ***трговец*** (види - трговија), ***тутунски контролор***, ***тутунџија*** - (Слободан Стојановски, Дејан Никшиќ, Ристо Здрвковски), ***учител***, ***фаикчија*** или ***хотелиер*** (Стојан Василевски), ***фенерџија*** (Јован Маневски Сисалка), ***чешмеџија***, ***чувар*** (Аврамовски Ѓорѓе, Никола Богоевски, Кузман Бошковски, Сима Ѓоровиќ, Јаковлевски Глигорие,), ***џандар*** - полицаец (Богдановиќ С. Петко, Василије Н. Бранковиќ, Ѓорѓе Драгутиновиќ, Радован Ј. Вуксановиќ, Борис Евросимовски, Бојо Јосифовски, Вујица Јовановиќ, Томо Василевски, Иван Стојковски, Пане Поповиќ, Никола Костиќ), ***симитџија*** (види - фурнации), ***чифчија*** – земјоделец, ***чалгаџија*** - музичар, ***џамбаз*** – посредник при купопродажба на жива стока на сточен пазар и сл. (Гаврило Апостоловски - Гашо Џамбазот, Серафил Џамбас,), ***шумар*** (Дончо Ѓорѓевски),и се разбира огромен број на***опишти работници*** без посебни квалификаци.

3. 2. ТРГОВИЈА

Историските податоци укажуваат на тоа дека Тетово, и во средниот век претставувало трговско средиште на Полог. Придонес во тоа имаат патиштата кои поминувале низ него, како и тоа дека Тетово е населба која се рзвивала покрај богатиот манастир *Св. Богородица Хтетовска* во кој се одржувале панаѓури.

Сепак Тетово во тој период се уште било село, а како градска населба се споменува по доаѓањето на Турците. Тогаш Тетово прераснува во главен занаетчиски и трговски центар во Полог. Тетовските трговци се среќавале во Цариград, Солун, Елбасан, Скопје, Призрен, Белград и други градови на Балканот. Една од најголемите пречки за трговскиот развој на Тетово е безбедноста на патниците, вклучително и трговците. Според тоа, ниту во првата половина на 20 век, Тетово, освен како центар на Полог, не претставувал некој поважен трговски центар во однос на некои други градови во Македонија[869].

Сепак тоа не значело дека Тетово не било трговско место и дека трговијата сосема запрела. Напротив, повеќе показатели упатуваат дека во 19 век во Тетово имало доста големи трговци и дека во градот, Македонците биле позаштитени а скапата турска носија, особено женската (која чинела околу 50 златни лири) која ја прифатиле и христијаните е доказ за стандардот.

Трговците во градот можеле да се поделат на *трговци на мало* и *трговци на големо*. Нивното заедничко име било *туѓари*[870]. Исто така поделба може да се направи и врз видот на стоката која ја продавале. Така на пример во изворите се среќаваат: *бакали, железари, басмаџии, дуќани со различна стока* и т.н.

За крајот на 18. и почетокот на 19. век, сознанијата за трговското учество на Македонците во Тетово се мали со оглед на малиот број расположливи документи. Сепак лингвистот Радивоје Богојевиќ[871] од Тетово, пишува во дваесеттите години на 20. век, за својот чукун дедо Миљо Станчев, кој бил роден во 1795 година дека во почетокот на својот работен век бил *мумџија*, односно свеќар. За него се знаело во семејството дека за набавка на лој одел во Куманово[872], Скопје и Гнилане и др. места од каде што во постари години, како месар, набавувал овци, а во Прилеп и Серес, набавувал мануфактурна стока.

---

[869] Македонски научен институт, Македония като . . .цит. дело, 172; Јован Хаџи Васиљевиќ, По тетовскоj области . . . .цит. дело, 16.
[870] Драго Симовски . . . цит. извор, 12. 07. 2006.
[871] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/1619, Радивоје Богојевиќ, Тетовски дијалект.
[872] Трговијата на Куманово со Тетово, ја споменува и Ѓорче Петров во еден напис за Куманово. Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, книга 2, Мисла, Скопје, 1981, 192.

Симо Неделков, тетовски мануфактурист, (татко на Ицо кој ги дал овие податоци во 20-тите години на 20 век) околу 1830 година, одел еднаш годишно на панаѓур во Узуним. Така се викало некое поле во близината на Серес[873]. Ицо се сеќавал дека неговиот дедо одел да тргува и во Прилеп а поретко и до Бурса.

Преку Цариград, каде што во 19 век имало многу печалбари, потоа Ерусалим, каде што имало една мала колонија тетовчани и оние кои оделе на аџилак, чиј број не бил мал, преку Бурса, тетовчаните се снабдувале со стока од истокот а со западна стока се обезбедувале преку пристаништа Солун, Драч[874] и панаџурите во Србија.

Современикот на Миљо, Ване Најдов, тргувал во Скадари Серес[875]. Во прво време богатите трговци од Скадар доаѓале во Тетово, а потоа и тетовчаните во втората половина на 19 век оделе да тргуваат во Скадар. Со оглед дека пред него, во истите места одел и неговиот мајстор, тоа значи дека трговските врски со тие места постоеле уште во втората половина на 18 век[876].

Според еден автор, се до седумдесеттите години на 19 век, трговците од Тетово повеќе тргувале со Скадар отколку со Солун, така било забележано дека во 40-тите години на тој век, извозот за Скадар изнесувал околу 420.000 гроша[877].

Истиот автор пишува дека во тој период, тетовчаните оделе во Гостиварна пазарот каде доаѓале дебрани, кичевци и галичани. Кичевчаните често купувале стока од Драч и ја продавале во Гостивар. Подоцна ова посредништво меѓу Драч од една страна и Кичево, Гостивар и Тетово од друга страна, го превзел охриѓанецот Ѓорѓи Капче (според Богојевиќ живеел од 1855 до 1895 год.), кој по занимање бил ќурчија. Тој во овие три града носел челик, сапун, жица, паркет, памук, кафе, шеќер и други производи, како и сопствени производи, изработки од кожа. Од овие места најмногу купувал железо, кое било вадено од поречкиот крај[878].

Илија Кузмановиќ, кој бил роден во 1844 година во Кичево се сеќавал дека тетовчаните поминувале низ ова гратче кога оделе за Охрид, по риби и за Битола поради судот[879].

Тетовските трговци редовно го посетувале прилепскиот панаѓур се до неговто укинување од турските власти. Некои од нив оделе преку Кичево а некои преку Скопје[880]. Еве

[873] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/490. О Тетову и тетовцима.
[874] Истото, 1/492.
[875] Истото. 1/491.
[876] Истото, 1/490.
[877] Јефто Дедијер, Нова Србија, Српска књижевна задруга, Београд, 1913, 133.
[878] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/492.
[879] Истото, 1/491.
[880] Истото.

што споменатиот Кузмановиќ кажал за овој панаѓур:*Бев многу пати и уште како дете, па таму сум гледал трговци од Тетово, Дебар, Охрид, Гостивар, Кичево, Призрен, Лерин, Ресен и Битола. Цели 15 дена од месецот август, траел секоја година тој панаѓур и секојдневно бил добро посетен.* Меѓу другото, тој не се сеќавал дека видел некои други носии освен од овие краишта, односно од македонските региони. На панаѓурот во Велес, во мај 1875 година, биле продадени 400 овци, 1100 овни и 15 коњи од тетовскиот округ[881], а истата година на панаѓурот во Возарци биле продадени 300 овни од тетовскиот округ[882].Во 1858 година, тетовски трговци имало на панаѓурот во Ваљево[883] и Шабац[884], Кнежевство Србија. На панаѓурот во Прилеп во 1875 година се продавале тетовските пушки мартинки, копчиња, врвци, пискули, реси, ширити и други производи[885].

При крајот на 19 век, Ѓорче Петров цени дека: *Тетово е гратче со многу згодна геогравска положба за развој на трговијата. Тоа е предодредено да биде складишно место на тетовско, главен посредник на трговските односи на Тетовско, Дебарско со Реканско, дури и на Кичевско со Скопје и Солун*[886]. За таквата шанса на Тетово, свој прилог дава и подобрените сообраќајни врски во тоа време (1896 год.) со Скопје, со оглед на фактот дека безбедноста на трговците во овие краишта била до крајност неизвесна. Тој смета дека заслуженото трговско значење, Тетово ќе го добие откако врските со Скопје, Призрен, Дебар и Кичево ќе станат сосема безопасни. Посебен хендикеп во тој период за тетовската трговија е што градот останал надвор од железничките патишта.

Во овој период според Петров, трговијата на градот била незначителна, која се содржела во: 15.000 оки масло заедно со сè она што го купуваат од Гостивар. Тоа масло се носело во Солун, гравот за Скопје и Солун до 20.000 оки. Одбрани јаболка во Цариград до 5.000 оки, костени и ореви до 40.000 оки. Во првата деценија на 20 век *Тетовките* се извезувале и во Англија[887] и Блиски исток[888]и Цариград. Британскиот конзул во Скопје, Хаткот Смит во својот опширен извештај за трговијата во вилаетот пишува и за извозот на јаболката од Нови Пазар, Пеќ и Тетово, чиј квалитет високо го оценува а цената на јаболката за извоз била 13 шилинга за 1 тон[889]. Тетовчаните, воловите и коњите ги купувале во Приштинско. Во

---

[881] Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 – 1918), ДАРМ, Скопје, 2004, 106.
[882] Истото, 107.
[883] Климент Џамбазовски, Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том втори, книга прва, (1856 – 1863), Београд, 1981, 121 – 123; Истото, Том први, книга прва, (1820 – 1848), Београд, 1979, 484 – 485.
[884] Истото, Том први, книга прва, (1820 – 1848), Београд, 1979, 419.
[885] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 358; Истото, кн. 1, 238, 243, 247.
[886] Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по изучуването на Македония, София, 1896, 424.
[887] Јован Хаџи Васиљевић, По тетовској области, . . . цит. дело, 17.
[888] Десанка Тодоровиќ, Стопански проблеми на Македонија, со посебен осврт на дејноста на трговско-индустриската комора во Скопје, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1974, 38.
[889] Виолета Герасимова, Полог и неговото поврзување со железница до првата светска војна, Бигорски научно-културни собири, IV Научен собир, Полог низ Вековите, Тетово, 1978, Скопје, 1980, 119.

Битола испраќале кожи а во Приштина волна. Од реканско се носел дебел галички шајак и клашни. Имало околу 10 трговски дуќани кои ги извезувале овие производи. Имено, некаде од почетокот на 90-тите години на 19 век, од галичкиот шајак и клашни се изработувале во градот 100 - 150 чифта *чакшири* и се продавале во Цариград, Скопје и Солун.

Пред 1912 година[890] извозот на тетовскиот грав е од 100 до 120 вагони наменети за Солун и повеќе за Цариград. Јаболката се извезувале во истите градови во количина од 300.000 оки. Истите луѓе ги извезувале двата артикли. Во Тетово имало 7 извозници на грав и јаболка, а со откуп се занимавале околу 30 трговци. Освен, овие производи Тетово извезувало во овој период и: волна јаречка 20.000 оки, масло 20.000 оки, костени 40 до 50 вагони и ореви 7 - 8 вагони, потоа стока за Цариград, пастрма за Гостивар и Кавала, ситна кожа со Гостивар вкупно 20.000 парчиња, 150 крзна од лисица, 20 до 30 крзна од волци, 30 крзна од видри и 50 крзна од куни. Од Тетово се извезувало дури и пијавици, кои се наоѓале во мочуришните предели на Полог. Нив најчесто ги откупувале Италијанци, Грци и Евреи[891]. Се извезувало во Мала Азија чакшири, лимарски производи во Гостивар. Сточарството имало голема перспектива во тетовската околија, но Македонците не можеле да ја развијат поради мошне слабата или никаква јавна безбедност. Шарпланинскиот кашкавал и *Шарско сирење,* најмногу биле наменети за пазарите во Скопје и Солун[892], а преку Солун и извоз за Америка и Египет[893].

Трговијата со некои албански градови не била за запоставување. Тетово најмногу тргувало покрај *Драч* и Скадар, и со Елбасан и Корча и некои други градови[894].

Македонските трговци тргувале и со Србија а нејзината територија е користена и како транзит за трговците до Австрија[895]. Познато е дека некои тетовски првенци лиферувале јаболка и костени на српскиот дворец[896].

Суровините за извоз, тетовските трговци ги набавувале најмногу од околните полошки и шарпланински села, мијачијата и од Гора, во денешно Косово[897]. Сточарите од Гора, откако

---

[890] Миливој М. Савић, Извештај инспектора Министерства народне правде, Занати и индустрија у присајидењим областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 133 - 134.
[891] Снежана Станинска Поповска, Ами Буе . . . . цит. дело, 129.
[892] Истото.
[893] Македонски научен институт, Македония като . . . цит. дело, 171.
[894] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 93.
[895] Крсте Битоски, Кнежевството Србија како пазар и транзитна територија за македонските трговци во 19. век (до 70-тите години), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2 – 3, 1966, 113 - 133.
[896] Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Друштво Св. Сава, Београд, 1928, 135.
[897] Милисав Лутовац, Гора и Опоље, антропогеографска проучавања, САНУ, Научна Књига, Београд, 1955, 17.

ќе ја продаделе своите сточарски производи, купувале од тетовските занаетчии разни други производи за домаќинството и сточарството[898].

Се до почетокот на 19. век, трговијата во Тетово била поголемиот дел, во рацете на Муслиманите, иако и во тоа време имало Христијани кои биле добро стоечки трговци. По реформите во четриесетите години на 19. век и кога Тетово станало центар на Каза, бројот на христијанските дуќани се повеќе растел во овој град. Откако условите за трговија се подобриле, христијаните во Тетово се повеќе зајакнувале и речиси целата градска трговија преминала во нивни раце[899]. Тоа, секако не поминувало безболно, односно без отпорот на муслиманското население.

Токму затоа, појавата на првиот христијанин трговец на свилени мануфактурни артикли Стале Ивановиќ Поречки завршила со негово свирепо убиство во почетокот на 19. век[900]. Стале, свилата и мануфактурните производи ги носел од Скадар. Тие артикли биле за женската носија и мебелот. Отпорот кон новото било вообичаена појава, па така кога некој трговец за прв пат донел чоја во Тетово за продажба, Алимбег му ја купил и ја искинал и му се заканил повеќе да не носи чоја во Тетово, затоа што *народот ќе станел азган*[901]. А новото секогаш го носеле трговците и тој процес никој не можел со сила да го сопре. Познатиот тетовски бикмеција Ѓеро Урош во втората половина на 19. век одел по квалитетни материјали за својот занает во Ангора, Бруса, Цариград, Одеса, Будимпешта, Белград, Софија и други градови[902]. Следните трговци Христијани кои продавале вакви производи се појавиле дури во половината на тој век и биле Латини од Скадар и ги имало неколку семејства познати како *шкодрани*. Тие во Тетово имале 6 дуќани а во еден од нив работел Стефо Ѓоков, со потекло од Призрен[903]. Дури во втората половина на 19. век и тетовчаните започнале да одат во Скадар[904] да тргуваат, од каде што најмногу купувале *дрвено масло*, односно маслиново масло.

Од Христијаните први кои почнале да се занимаваат со оваа трговија биле тогашните *Струмичани* и *Велешани*. Велешаните се држеле *на високо, со своите фермани, кавази и сексани и уживале големо почитување во овој крај*. Според Хаци Васиљевиќ, први кои се занимавале со трговија од тетовчаните биле момоците и послушниците на деребиите и занаетчиите.

---

[898] Истото, 29.
[899] Цвијиќ Јован, Тетовска котлина . . . цит. дело, 1070.
[900] Истото.
[901] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 07. 2006.
[902] Тодоръ Геровь, При Шарь, София, 1932, 60.
[903] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/492. О Тетову и тетовцима.
[904] Во Тетово, денес семејството Чанаковци знае дека се по потекло од Скадар. По сеќавањата на Александар Михајловски, алиас Санко Чанак, пензионер од Тетово (1920 – 2000).

Во тетовската чаршија, во почетокот на 20. век, можеле да се видат повеќе христијански мануфактурни дуќани и дуќани кои продаваат свила чоја, срма и злато.

Податоците од 1916 годинани покажува дека во овој период главни извозни стоки од тетовскиот регион биле: 50.000 оки волна за Солун, околу 50.000 јагнешки и јарешки кожи за Скопје а од таму за Австро-Унгарија, околу 1.000.000 кг. грав, 200.000 оки јаболки за Цариград, 200.000 оки костени, чорапи и аби за Албанија, Мала Азија и останатиот дел на Македонија[905].

Извозот од Тетово се одвивал така што кога производите од селата и околијата ќе се најдат на тетовскиот пазар, ги купувале тетовските трговци. Од таму тетовските трговци, стоката или ја носеле сами во Скопје, Солун или Цариград или ги испраќаат преку комисионерите во истите места или трговците и комисионерите од големите центри доаѓале да ја откупат стоката во Тетово[906]. Тетовчани во Скопје најмногу продавале грав, јаболка, костени, крушки, восок, грнчарски производи и пушки[907]. Од производите кои биле неопходни а ги немало во Полог, е солот кој е увезуван од Драч, маслиновото масло и тутун од Елбасан. Тетовските трговци откупувале кожи и аба од Галичник и ги препродавале во поголемите центри. Од Галичник на тетовскиот пазар, се продавале клашни[908]. Во 1916 година, во Тетово, како и во цела Македонија, завладеала голема спекулација и цените достигнале мошне високи цени со што населението се нашло во мошне бедна економска состојба.

Покрај овие производи во чаршијата се продавале многу артикли произведени во село, ракотворби од тетовскиот и другите краишта, коњски коли, кои исто така се произведувале во некои тетовски села (Старо Село, Вратница, Белојште, Доброште и др., каци и качарски садови од Призрен и од Тетовско, пастрма од селото Лавце и Ѓермо, ковчези од селото Сиричино и од тие години се продавале ковчези изработени во Тетово, со даски од селото Јажинце, воденички камења од Косовска Митровица[909] и колски тркала , лажици, држалки за алатки, дрвени делови за самарите, даски за ковчезите, даски за буриња и друг материјал и др. Од селата Глобочица, Котлина, Стража и Дубрава на денешната македонско-косовска граница[910]. Производи од дрво од с. Мерово[911], дрва за огрев од Скопски Дервен[912] и т.н. Од селото Брезно на тетовскиот пазар можеле да се најдат даски, рачки за земјоделски алатки, огревно дрво[913]. Во Старо Село зе произведувале груби и тешки запрежни коли. На пазарите, особено на Бунар, се продавале

---

[905] Д. Мишайков, Македония . . . цит. дело, 41.
[906] Истото, 41 - 42.
[907] Васил Кънчов, Избрани произведения, том втори, София, 1970, 46.
[908] Тома Смиљанић, Мијаци . . . 64.
[909] Истото, 18.
[910] Душан Кривокапић, Шар Планина, Туристичка Штампа, Београд, 1969, 205..
[911] Јован Ф. Трифуноски, Скопски Дервен . . . цит. дело, 408.
[912] Истото, 356.
[913] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 15. 08. 1891, 2.

големи количества на тутун, со оглед на тоа што Османлиската држава немала монопол над овој производ[914]. Грнчарските производи, најмногу се набавувале од селото Блаце[915]. Во Тетово, големи количини на овошје и зеленчук, носеле земјоделците од околните села[916]. Тетовчани, посебно го ценеле гравот од Д. Палчиште[917]. На пазарот, храната се мерела во шиници и оки (1 шиник – 10 оки). Земјата се мерела во уборци .

Кон крајот на 19. век во тетовската чаршија имало околу 300 едноставни и стари дуќани, распоредени не неколку улици. Тетово имало и една административна пречка што потпаѓало под Призрен а сета работа на тетовчаните одела преку и во Скопје. Освен тоа патот до Скопје бил неспоредливо побрз и побезбеден од оној за Призрен, кога преку зима целосно бил затрупан во снег и врските се прекинувале. Според Петров, ниедно место не е оптоварено со даноци и никаде народот не трпи толку насилство, колку во Тетово[918].

Поголемиот дел од трговијата во Тетово во првата деценија од 20. век ја контролирало муслиманското население[919], за разлика од занаетчиските дуќани кои, повеќето ги поседувале Христијаните[920]. Во овој период меѓу поистакнатите трговци во градот биле Кочо Богојевиќ (Симбиљ Кочо) со браќата и синовите, Цеко Манојлов со неговите браќа[921] и др.

Трговците работеле и на кредит во Солун, но таа работа наполно се прекинала со Балканските војни[922]. Еден извесен пад на трговијата во овој период се појавила со отворањето на бакалски и други дуќани во некои од поголемите полошки села, кои стоката директно ја набавувале од Скопје[923]. Тетовските трговци најмногу увезувале, односно носеле готова стока од Скопје и Солун. Од трговските тефтери на трговецот за текстил Димитрија Спировски се забележува дека најголемиот број на артикли, кон крајот на 20-тите години ги набавувал од

---

[914] Ив. Серафимовь, (Описание на Тетово), од 05. 08. 1907 г., Етнографияна Македония, извори и материали в два тома, том 2, БАН, София,1992, 60.
[915] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006. *Од Блаце имавмо стомне. Нивната глина била порозна и самата вода во нив стои поладна и укусна за разлика од кичевските или велешките стомне, к'де водата не е толку укусна и побргу се топли.*
[916] Од селата Цепчиште, Једоарце, – цреши, јаболка, сливи и костени; Сетоле, Отуње – цреши, ореви, сливи и јаболка; Непроштено – костени и др. овошје; Лешок – грав, цреши, јаболка, сливи и костени; Брезно – костени; Сетоле – јаболка, цреши, сливи, костени, грозје, грав; Глоќи, Теарце и Доброште - грав, јаболка, ореви; Нераште – грав, царевка; селата од Поселието – житарици и грав, лубеници, дињи, тикви и тн. и т.н.
[917] Драго Симовски . . . 23. 10. 2006.
[918] Македонски научен институт, Македония като . . . цит. дело, 425.
[919] Ив. Серафимовь, (Описание на Тетово),60.
[920] Истото, 64.
[921] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 263.
[922] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот на Министерството за народна правда, занати и индустрија у присајидењим областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 134
[923] Ив. Серафимовь, (Описание на Тетово) . . . цит. дело, 60.

Скопје и тоа најмногу од еврејските трговци[924]. Солун како едно од најголемите пристаништа во Империјата прераснал во увозен центар на индустриската стока од западна Европа и САД[925]. Во него тетовските и македонските трговци имале можност да купуваат и луксузна стока, која во првата деценија на 20. век станувала се повеќе барана.

Во периодот меѓу двете Светски војни, Тетово и понатаму го задржал полумилениумскиот примат во трговијата во северозападна Македонија. Сепак во дваесеттите години, Тетово се развива поспоро поради затворањето на поранешните традиционални пазари, како што бил егејскиот дел на Македонија и особено Солун, кој подпаднале под Грција, потоа прекинатата трговија со Цариград, албанските градови и сл[926]. Трговјата на Тетово се прилагодувала на новиот југословенски пазар кој не бил традиционален и компатабилен за тетовските производи и навики на живот. Сепак, кон крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години се забележува развој на трговијата, поврзан со новите потреби на населението, кои се оддалечувале од ориенталните и се приближувале кон европските текови. Во 1928 година, Тетово со 18. 181 жител, 3.294 домаќинства имал 331 трговски дуќан. Од нив православни 224 и 107 муслимански сопственици на трговски дуќани[927]. Имало специјализирани трговски дуќани: бакалници, книжарници, текстилни, железарии, електро опрема. Тетово вршело посредничка улога во внатрешниот пазар, помеѓу западниот дел на Македонија со Скопје. Така на тетовскиот пазар, просечно доаѓале од 7 до 10 илјади луѓе од соседните региони и најмногу од селата во Тетовско со неколку стотини товарни грла и коли за да продаваат, тргуваат или разменуваат стока[928]. Во 1938 година, според сенаторот Угрин Јоксимовиќ, од двата Полога се извезувале 300 – 400 вагони на прочуениот тетовски грав и тоа претежно во Грција, Турција, Египет и Франција, 100 – 150 вагони од тетовската јаболка, потоа

---

[924] Приватна архива: Мино Спировски, пензионер, Тетово (1945 -). Во тефтерите од 1926 до 1928 година се среќаваат имињата на следните трговци и текстилни производители: Аврам Береси, Богос Армаганјан, Јахја Махмуд, Хајим Ароести, Аврам М. Рубен, Стерјо Г. Шашку, Конорте Сасон, Цветан Николиќ, Живојин Вукојќиќ и комп. - Белград, Анастас Павловиќ, Арон Ноах, Муртела Хајдар,Ванѓел Костиќ, Исак Морено, Конорте Сасон, Битолска текстилна индустрија, Јовановиќ и Поповиќ, Централна Агенција ЛТД, Аврам Д. Хасан, Хајим С. Ароести - Скопје, Алацем и Комп., В. Маринковиќ и Комп., Адамаќи М. Ничота, Јосеф Е. Наваро, Бенцион Х. Камхи, Симонто и Исак Морено, Стерјо Н. Сапунци, Хуго Волнер и друг. - Загреб, Јосиф Јовановиќ - Лесковац, Петар Лекиќ - Тетово, и Комп., Нахмијас и Масот, Синови Јуда Пардо - Битола, Браќа Х. Бошковиќ (Тетово), Емин Хусни, Јован Влајчиќ и синови - Лесковац, Исак Б. Соломон - Београд, Анастас Павловиќ, Танасија Милановиќ, Коста Илиќ и синови - Белград, Мушан Кастро, Лијао Алче, Зеклендорф (фабрика за свила од Германија), Димитријевиќ и Ноах, Исак Б. Соломон, Габриел Ј. Сереро, Менахем и Наваро, пера Кушаковиќ, Мајер Алторац, Стерјо Г. Шашку, Стерије Туфовиќ и Друг., Јаков рафаел и син., Јахја Махмуд - Мец Ватер, Бенцион Х. Камхи, Аврам Бојацијевиќ и др.

[925] Марк Мазовер, Солун, град на духови, Аз-буки, Скопје, 2008, 193 – 198.

[926] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/1356, Стојко Аћимовиќ, Мушка граѓанска ношња у Тетову.

[927] Вера Гошева, Статистички податоци за трговските дуќани во вардарска Македонија од 1928 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 – 2, 2005, 360.

[928] Јаким Синадиноски, Некои општествено-економски . . . цит. дело, 86.

круши и ораси, како и сирење и ситна стока за Грција и Египет и кашкавал за Грција, Турција и најмногу за САД[929].

Поради растечката трговија, во Тетово имало прилично богати трговски семејства. Некои од нив се: Саковци, Момировци, Мисајловци, Богојевиќ, Настеви, Бошковци, Чанаковци, Ченковци, Цордевци, Спировски, Хаџи Галиќ, Бутиковци, Мачуровци, Лешковци и др.

Трговците имале свое ***Трговско Здружение*** кое ги штителo интересите на овој еснаф[930]. Во негови рамки егзистирало и *Тетовската трговска младина*, по чија иницијатива е формирано посебно *Трговско училиште* кое се изучувало 4 години. Трговскиот еснаф претежно ја славел славата *Трите Јерарси*[931]. Бакалиите го славеле *Св. Архангел Михаил.*

Трговијата најмногу се одвивала со соседните подрачја на Македонија, Србија и Албанија. Во внатрешната трговија се одвивал голем промет на тетовските пазари на кои во пазарните денови имало посета од 7 до 10 илјади луѓе, од градот, околните села и соседните градови.

Во градот имало и специјализирани пазари: житен пазар, емиш пазар, масларски пазар и Горна Чаршија. Пазарен ден бил сабота. За проверка на мерните инструменти во пазарите се грижеле луѓе задолжени од општината. За тоа постоело посебен пункт, наречен баждарина. Низ пазарите се движеле кантарџиите кои ја проверувале исправноста на кантарите на продавачите[932]. Трговците, според стоката која ја продавале имале свои посебни називи: бакали, басмаџии, мануфактуристи, гросисти, брашнари, железари и т.н.[933]Покрај пазарите и

---

[929] Глас Пологa, Тетово, 02. 04. 1938, 1.

[930] Глас Пологa, Тетово, бр. 236, 10. 02. 1938, 4; Глас Пологa, Тетово, 13. 03. 1937, бр. 287, 2; Истото, бр. 103, 16. 03. 1935, 3.

[931] Глас Пологa, Тетово, бр. 235, 05. 02. 1938, 3; Истото, бр. 99, 16. 02. 1935, 1 – 2.

[932] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 06. 2006. Познати се имињата на Мио Кантарџија, Ѓоре Кантарџија и некој Турчин.

[933] ***Бакали:*** Глигорие Алексоски, Петре Ананиевски, Симо Ацевски, Тодор Ацевски - Тоде Шикла, Славе Апостоловски, Апостол Аврамовски, Александар Сане А. Аврамовски, Томо Анѓелковски, Ристо П. Апостоловски, Атанас Р. Апостоловски, Димитрија С. Бошковски, Никола Бунев, Тодор М. Богоевски, Давид Богоевски, Драгутин Богоевски (подоцнааа ветеринар), Спасен Богдановиќ, Наум Бачоски, Трпко Васовски, Пано Васовски, Ристо Васоски, Ананија Гавриловиќ, Јован Р. Гоговски, Александар Гоговски, Пано Геров, Климент Глигориевски, Глигорие Димитриевски, Ристо Димитриевски, Димитрија Дамјановиќ, Миле Димчески, Нофо Димовски, Јован Димовски, Никола Димитриевски, Младен Димитриевски, Петар Димитриевски, Наумче Димитриевски, Панта Ѓерасимовски, Пано Ѓеровски, Столе Ѓорѓевски, Бошњак Ѓорѓевски, Гаврило М. Ѓорѓевски, Лазар Ѓорѓевски, Паскал Ѓорѓевски, Ѓорѓија Евчески, Димитрија Евчевски, Кирко Евчески, Тодор П. Исајловски, Диме Иванов, Никола Илиевски (Иљовски), Симо Илиевски (бакалско - крчмарски дуќан), Ецо Исаевски, Миле Јосифовски, Тодор Јовановски, Димитрија Јовановски, Диме Јаневски, Гаврил Јовановски, Ѓорѓија Кочовски Џинле, Илија Ј. Кочовски Јагуре, Тоде Крстовски Љуро, Ѓорѓе Ј. Лешков, Наце Максимовски, Тодор Матов, Симо Максимовски Кацаван, Ѓиго Мијалчев Чифут, Трпе Г. Мисајлоски, Гаљо Мисајловски, Коце Мисајлоски, Аспарух Мисајлоски (Пуре Јефтиноќа), Евче Мисајловски, Крсто Е. Мисајловски, Тодор Мишковски (Тоде Љуро), Димитрија Манојловски, Сане

Page 178

Мојсиќ, Ристо Мојсиќ, Момир П. Мишевски, Стеван Х. Ѓатовски, Михајло Матовски, Тримче Матовски, Александар Митрушевски, Андро Наумовски, Стевче Х. Наумовски, Милан Х. Наумовски, Страхиња Николиќ, Анче Николоски, Михајло Нешовски (потоа службеник во ТИАД), Васо Николовски, Стеван Х. Настовски, Јован Николовски, Михаил Нешоски, Трпе Настоски, Страхил Николовски, Коста Ј. Парлиќ, Захарие Петровски (Sape Пожаранец), Мито Павловски, Веселин Пантески, Ристо Павловски, Томо Петрушевски, Александар Ристоски (Сане Гуле), Ѓорѓија Ристовски, Јован Ристоски, Коста Симовски, Јанко Симчевиќ, Душан Сергениевски, Панта Симоски, Крагуљ Д. Стојановски, Душан Сергениевски, Трпе Стојчевски, Никола Стојчевски, Петре Стевчески, Јован Ствчески, Фиљо Стевчески, Нофо Сунѓин, Трајче Цветановски Пореч, Трпе Тодосиевски (Трпе Бакалот), Коста Томовски, Трпе Тарасиевски, Настас Максимоски, Никола Требош Бакал, Ѓиго Чкуљка, Ристо Џинлевски, Милан Шумевски (Миљан Шуме), Јован, Коце и Тоде, синови на Стевче и Васа и др. ***Басмаџие:*** Јован и Ристо Павловски Бутиковци, Крсто Спироски, Алексовски Иван, Герасимов Илија, Иван Гугувчев - Јован Гугувче, Момировски Коце, СтевчевскиХ. Сане, Никола Гугувчевски (Коле Гугувче), Гаљо Џордевски и др. ***Мануфактурист - Текстил:*** Диме Спироски, Џордевски Душан, Мате Симоски Ченка, Богоевиќ Ецо, Славко Герасимовски (Славе Мачур) и др. ***Бензинска пумпа.*** Првите трговци со бензин во Тетово биле семејството Миркуловци. Тие првата бензинска рачна пумпа ја отвориле во триесеттите години во центарот на Бунар, пред Тупан Џамија[933]. ***Брашнари:*** Душан Аврамовски, Јордан Аневски, Јордан Богдановски, Стево Ѓорѓевски, Тодор Јовановски Јајчар, Блаже Лазовски, Јово Лазаревски, Андреа Лазревски, Матовски, Андрија Мишевски, Стеван Х. Настовски, Борис и Ѓеро Петрови, Саве Спасеновски, Тома Стошиќ, Стојан Тиревски и др. ***Галантерија:*** Симовски Панта, Ќирко С. Угриновски и др. ***Гросисти:***Јован Јоше Ристовски (за храна), Глигорие Јовановски, Момировски Никола, Андро Д. Христовски, Петар Крстовски (за кожа) и др. ***Книжари***:Крсто Михајловски, Љуба Младеновиќ, Кузман Кузе Најденовски, Душко Алексоски, Спировски и др. ***Машини и делови:***Марковски С. Боривоје и др. ***Ситничари:***Тоде Бојациев Пристав, Ано Јаковче и др. ***Серѓија*** **(Трговци на волна без дуќан):** Методија Ѓурчиновски (потоа печалбар) и др. ***Трговци со риба***:Бошковци, фурнацијата Драго Топалот и Коце Бербер и др. ***Продавачи за покуќнина***: Крагуљ Димоски, Јоше Ников и др. ***Мешовита стока***: Диме Требош, Јован Т. Михајловски, Браќа Бошковски (Симо, Перо, Пано,) и др. ***Железари***: Никола Ѓоцев Митрушев, Иванов Младен, Ѓорѓи Митрушевски и др. ***Јајчари:*** Ников Димитар и др. ***Ќерестеџије (продавачи на штици, даски, вар и друг градежен материјал):*** Ѓорѓе Лешковски, Лазо и Илчо Беломаче, Ристо Стојанов, Христо Стефановски Черенко и др. ***Други трговци***: Александар С. Анчевски, Глигорие Г. Алексовски, Глигорие Аќимовиќ, АтанасР. Апостоловски, Јован М. Алексовски, Павле Апостоловски, Апостоловски П. Ристо, Михајло Алексоски (Мио Штакле), Трипун Атанасковски, Бошковски Младен, Младен Божиновски Ѓупе, Ќирило Божиновски Ѓупе, Божиноски Ристо, Пано Бошковски, Перо Бошковски, Симо Бошковски, Бошковски Димитрија, Ристо Божиновски Ѓупе, Блажевски Никола (за кожа), Здравко Бојациевски, Давид Богоевски, Јован Будимовски, Диме Васоски, Пано Васоски, Ристо Васоски, Михајло Гашевски (Мио Чанак), Томо Гашевски Чанак, Димитрија Гашовски Чанак, Спиро Герасимовски, Илија Герасимовски (Иљчо Мачурче), Никола Гоговски (Никче Гогов), Коста И. Гогушов, Димитрија Гогушов, Грнчаревски (Серо Грнчар), Тодор Гавриловиќ, Јован Ѓ. Грнчаровски, Андреја Грнчаровски, Захарија Грнчаровски, Стеван Грнчаровски, Борис Грнчаровски, Диме М. Грнчаровски, Апостол Гугувчевски, Јован Гребенаровски (Јоше Грепче), Стојан Галиќ, Стојко Даниловски, Миле Димчески, Глигур Димчевски, Крагуј Димиќ, Нофо Димовски (колонијално деликатесна трговија), Димовиќ Х. Алекса, Глигорие Димитриевски, Диме Дамјановски, Богдан Ѓорѓевиќ, Тодор Ѓеровски, Крсто Ефчески, Димитрија Евчески, Павле Живадиновиќ, Јован Златановски, Тевдо Заковски, Андреа П. Исаевски (Андро Жаба), Ецо Исајловски, Доротија Јанчевски, Андреа Јаковчевски (Ано Јаковче), Глигорие С. Јаќимовиќ, Петар Јовановиќ, Миле Јовановиќ Бошњак, Тодор Јовановски Јајчар, Димитрија Јовановски, Мисо Јовановиќ, Илија Јовановски, Андро и Цветан М. Јовановиќ, Томо Јовановски, Томо Јоргушевиќ, Мане Китановски Гравчија (продавал грав во Скопје - *тргоец однаноѓе*), Александар Кузмановски, Илија Кочовски, Симо Костовски (за чевли), Јован Костоски, Јован Кузмановски, Серафим Ѓоре Кочовски Џинле, Јован Кочовски Јагуре, Јован Котевски, Стефан Лешковиќ, Симо Х. Лазоски, Стеван Х. Лазоски, Борис Магденовски, Раде Меновси, (Ром.) Димче Меновски (Ром.), Томо Михајловски (Томко Чанак), Алексо Михајловски (Штакле), Ане Михајловски, Ѓорѓи Мартиновски Момировски, Јован Маневски, Гаљо Мисајловски, Димо Мартиновски, Томо Михајловски Чанак, Ѓорѓи Момировски, Ѓорѓе Мартиновски, Симо Максимовски, Миловановски Миле (застапник на Бата), Мојсиќ Ристо, Ѓоко Михајловски,Атанас Мисоски, Стево Х. Наумовски, Лазо Х. Наумовски, Ѓоко С. Х. Наумовски, Милан Х. Наумовски, Вангел Т. Настески, Јован Николовски, Страхиња Николиќ, Василие Николовски, Паноски Александар, Ѓорѓија Наумовски, Симо Петровски, Боривое Ристовски, Ристо Ристовски, Серафим Ристовски, Славко Ристовски, Јован Ристовски, Серафим Савиќ, Мате Симоски, Стојан Серафимовски, Гаљо Серафимовски, Браќа Стефановски, Александар Стефановски, Александар

Page 179

дуќаните, земјоделските и прехрамбени производи се продавале и од подвижните трговци (земјоделци или занаетчии): млекари, малебџии, салебџии, симитџии, алваџија, бозаџија, балкабаџија, касапи, емишчие, зарзаватчие, балаклие и др.

Шар Планина и Полог овозможувале големо призводство на млеко, месо, кожа, волна и разни земјоделски производи. Тетово годишно извезувало и по 12.000 јагнињa. Се извезувале производи и полупроизводи од кожа и волна во Германија. Од млечните производи особено сирењето и кашкавалот во САД, Грција, Египет, а гравот и јаболката во Грција, Турција, Франција и низ целата територија на тогашното Југословенско кралство. Од овошјето се извезувало и костенот и оревот.

Тетово претежно увезувало колонијални монополски артикли, кои им конкурирале на домашните занаетчиски производи, но со својот повисок квалитет биле повеќе барани. Рускиот патеписец П. Ритих во 1901 година на тетовскиот пазар забележал дека е *натрупан од австриска стока*[934].

Иако, околијата на Тетово е земјоделска, сепак се увезувало и житото, претежно од Скопје и Приштина, а преку Тетово се снабдувале и други краеви на западна Македонија и Албанија, било како транзит или препродавање на житните трговци[935].

За време на Втората светска војна, увозот на жито во Тетово се одвивал од Призрен, преку Шар Планина[936].

Со воспоставувањето на социјалистичкото уредување, доаѓа до воспоставување на контрола врз трговијата од страна на државата, односно, наместо пазарно, доаѓа до планско стопанисување. Поголеми трговски дуќани и фирми во некогашна сопственост на приватни лица биле национализирани заедно со стоката. Градскиот народен одбор, во 1945 година го формирал трговското претпријатие ГРАНАП (Градско народно претпријатие)[937]. Градскиот народен одбор, формирал мрежа на специјализирани трговски дуќани, во 1950 година имало: 8 продавници за леб и бели пецива, 6 за месо и месни производи, 1 за млеко и млечни производи, 11 за зеленчук и овошје, 15 за мешана стока, колонијали, 1 за текстил, 2 за обувки, 1 за огревен материјал, 1 за железарија, 1 за стакло и порцелан, 1 за парфимерија и дрогерија, 1 книжарница

Симовски, Анание Симјановски, Јован Димитрие Спировски, Глигорие Симовски, Андро Стевчевски, Тома Стошиќ, Симо Т. Селовски, Васо Х. Стевчевски, Димитрија Серафимовски, Симо Х. Серафимовски, Ѓеро Стојановски, Коце Стојановски, Богдан Ѓ. Стојановски, Гого Трпчески, Стојан Томиќ, Глигур Томовски - Ѓиче Купус, Стојко Тиревски, Никола Г. Трпчевски, Гого Трпчевски, Трифун П. Трифуновски, Спиро Ј. Ќурап, Ќирко Угриновски, Цветановски Ѓорѓија, Гаљо Џордевски, Душан Џордевски (застапник на радиата *Филипс*), Стефан Џордевски,

[934] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 96.

[935] Архива на Љупчо Момировски, историчар од Тетово, ракопис на Симо Момировски, адвокат и општествен работник од Тетово.

[936] Истото.

[937] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, Собрание на општина Тетово, (1944 – 1965), 9.

и 1 мешани прехрамбени стоки[938]. На таков начин, преку Планската комисија, при Градскиот народен одбор се планирала и цената на производите и услугите, односно цените во трговијата на мало[939].

3.3 АГРАРНО СТОПАНСТВО

Природните ресурси кои се наоѓаат во непосредната околина на градот Тетово се едни од најважните фактори за работата и опстанокот на неговите жители. Се до крајот на Првата светска војна во 1918 година, Тетово како град бил прилично неповолно место за живеење поради, мошне ниската јавна безбедност, немањето на железничка врска, насилствата и сл.[940].

Во едни такви услови на изолираност, природните ресурси во околината на градот претставувале основен услов за опстојување на Македонците и покрај лошата безбедносна состојба. Во тој контекст, градот Тетово простирајќи се меѓу големиот сточарски шарпланински појас на една страна и земјоделскиот појас на котлината Полог од друга страна, играл значајна улога за размена на стоките и трговијата.

Покрај климатските и педолошките услови кои се добри, уште еден услов играл значајно влијание врз искористувањето на природните ресурси и резултатите, а тоа е вредната работа на луѓето од Полог.

Според тоа, каква сезонска храна излегувала од поднебјето, така се нарекувале одредени периоди во годината: *Благота* – од Ѓурѓовден, кога овците се носат на планина. Следниот период се вика *Жито* заради зреењето на житата, *Бафчованџилок* – кога зреат градинарските производи, *Јемиш* – во времето на зреење на дуњите, лубениците, јаболката, крушите, сливите и периодот *Ченка* во времето на берењето на пченката, гравот и тиквите[941].

Полог се дели на *Долни* и *Горни*. Тетово е центар на Долни Полог но и најважен административно-економски центар на целиот Полог. Долни Полог се дели на Поселие, Подгор и Планина[942] и во турскиот период имало вкупно 129 села. Со подоцнежните поделби оваа бројка се намалува на нешто повеќе од 90 села. Поширокиот дел на тетовскиот атар уште се нарекува и *Тетовско поле*. Земјоделието било екстензивно, односно се работел на традиционален начин, макар што и во турскиот период имало доста железни плугови и нов

---

[938] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК – 14, 91/431 – 433.
[939] Истото, АК – 17, 15 – 26/ 47 – 222.
[940] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 - 1905, ДАРМ, Скопје, 2003, 9 - 14; Група автори, Тетово и тетовско низ историјата, СО Тетово, ООСЗБНОВ Тетово, 1982, 253 - 265; Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 18 - 32.
[941] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006.
[942] Некои од овие групи на села имале и свои посебни називи како што биле: *Тукуљани* - селата Туденце, Копанце, Раотинце и други соседни села по брегот на реката Вардар, *Какардак* - Стенче, Волковија и др. соседни села.

алат. Се орало со ралото и помалку со железниот плуг од локално производство со длабочина од околу 15 см. [943].

Според педолошките особености земјата припаѓала на пониска категорија. Почвата била мошне порозна па затоа мошне брзо ја пропуштало водата во подлабоките слоеви. Со поголема плодност се одликува земјата во подножјето на планината, каде имало поголеми наноси од земја кои со текот на милионите години се спуштале од неа. Токму затоа, успехот во земјоделието зависел од наводнувањето и макотрпната работа на населението[944].

Тетовското поле спаѓало меѓу поплодните реони на Полог и благодарение на водите на реката Пена и нивното правилно користење се доаѓало до убави резултати во земјоделието. Тоа значело дека Тетово како град, било снабдено со приличен избор на земјоделски култури од својата непосредна околина. Истражувачот и патописец, Ами Буе, кој го посетил Тетово и Тетовско во триесеттите години на 19 век, бил восхитен од бујната вегетација на овој крај: *Бидејќи вода тече од сите страни, а котлината е заштитена од ветер од север од Шар Планина, вегетацијата е со извонредна бујност; кон убавите ниви од рамницата се придружуваат прекрасни ореви дрвја, а повисоко на Шара шума од костенови дрвја*[945].

Во педесеттите години, на 20. век, во тетовскиот атар, во кој земјиштето било претежно во сопственост на жителите на Тетово[946], имало 1265 хектари со ниви и бавчи[947]. Од нив 498 ха. посеани со пченка, житарици 563 ха.[948], индустриски растенија 43 ха.[949], градинарски култури 35 ха.[950], и фуражни култури 126 ха.[951] Од т.н. меѓукултури, во атарот на Тетово најмногу биле застапени гравот и тиквите со по 509 ха.[952] Јаболката во овој период се уште била застапена најмногу со сортата *тетовка.* Вкупниот број на стебла изнесувал 11.262, од кои во 1950 година 8.825[953] биле родни[954]. Крушите биле застапени со 5.203 стебла од кои 4.720 биле родни[955].

---

[943] Јован Хаџи Васиљевиќ, По тетовскоj . . . цит. дело, 23.
[944] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 36.
[945] Снежана Станинска Поповска, Ами Буе за Македонија, Менора, Скопје, 1999, 104.
[946] Презентираните податоци земјоделските култури во тетовскиот атар се пресметани заедно со атарот на с. Фалише.
[947] ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија) Аритон Усепјанов, Борис Николов, Борис Стојанов, Борис Несторовски, Никола Карев, Земјоделско-стопански основи на Полог, Книга 1 и книга - прилози, Скопје, 1953, табела 27/1, ред. бр. 1.
[948] Истото, таб. 28/1, ред. бр. 1. Во поделбата по видови на житарици учествуваат:532 ха. со пченица, 5 ха. со 'рж, 4 со јачмен, 498 со пченка, 22 ориз.
[949] Истото, таб. 29/1, ред. бр. 1. Тутунот учествувал со 42 ха., 1 ха. индустриски пипер, 2 ха. др. индустриски културио.
[950] Истото, таб. 30/1, ред. бр. 1, со кромпр 9 ха, зелка 1 ха., домати 2 ха., пипер 4 ха., боранија 1 ха., кромид 6 ха., лук 1 ха., бостан 7 ха. и останати 11 ха.
[951] Истото, (таб. 31/1), ред. бр. 1. со граор за сено 8 ха., луцерка 115 ха., сточна репка 1 ха., фуражна пченка 2 ха.
[952] Истото, (таб. 32)
[953] Истото, (таб. 41/1)
[954] Оваа сорта на јаболка не давала род секоја година, па оттаму разликата меѓу родните и неродните стебла, но и разликата е и поради младите неродни дрвца.

Page 182

Оревите биле застапени со733 стебла од кои 634 родни[956]. Дуњите со 503 стебла и родни 337[957]. Сливите со 3.409 стебла и родни 3.074[958]. Цреши со 494 и вишњи со 402 стебла[959]. Кајсиите со 390 и костените со 733 стебла[960]. Останатите овошни дрва учествуваат со вкупно 960 стебла[961].

Прегледот на техничка опрема на земјоделството за целиот полошки регион, и покрај напредокот, покажува дека сеуште имало екстензивен начин на производство. Како за пример, во тој период, во Полог имало само 52 трактори, во однос на 8.669 запреги[962].

Шар Планина според, своите карактеристики, нуди многу можности за егзистенција[963]. Тетовчаните обилно ги користеле богатствата кои им ги пружала оваа планина. На возвишенијата над Горно Маало, на ридот Балтепе и ридот Стрмол. Голем број тетовски семејства имале свои лозја. Тие лозја не биле многу големи но ги задоволувале домашните потреби за грозје, вино и ракија.Над овој појас се наоѓа појасот на питомиот костен, кој освен за домашните потреби, не ретко се извезувал или се продавал на пазарите во Скопје.

Појасот на шуми, особено, дабовата и буковата, овозможувале експлатација на огревно дрво. Но присуството на големиот број на видови на листопадни и иглолисни дрва, овозможувало и суровина за обработување на дрвото за потребите на градежништвото и изработката на мебел и се што било поврзано со предмети од дрво.

Во пределите на лозјата и шумите имало услови за развој на козарството, кои на овие простори било развиено. Многу семејства од Тетово, одгледувале по една или повеќе кози кои ги напасувале организирано преку задолжени луѓе за тоа.

Пределите на Шар Планина кои се наоѓаат на надморска височина над 1.100 метри се богати со пасишта. Појасот на пасишта на оваа планина се простира во должина од 80 километри и широчина до 5 км.[964], што само по себе говори за извонредни услови за развој на сточарството. Пасиштата на Шар Планина се сметаат за едни од најраспространетите, а квалитетот на тревата еден од најдобрите во Европа[965]. Домашни називи за сочните треви на оваа планина биле *крчун* и *острика.* Остриката се косела и се употребувала како сено за прехрана на стоката преку зима. За жал во 19. век и првите две децении од 20. век, условите за

---

[955] Истото, (таб. 42/1)
[956] Истото, (таб. 43/1)
[957] Истото (таб. 44/1)
[958] Истото.
[959] Истото, (таб. 45/1)
[960] Истото, (таб. 46/1)
[961] Истото (таб. 47/1)
[962] Истото, (таб. 56/1)
[963] Душан Кривокапић, Шар Планина, Туристичка Штампа, Београд, 1969.
[964] Истото, 44.
[965] Милка Здравева, Глигор Тодоровски, Номадското сточарство во Македонија во 19 век до 1918, МАНУ, Скопје,1997, 8.

развој на сточарството, особено на македонското население, биле мошне тешки со оглед на присуството на многубројните пљачкосувачки банди, кои навлегувале на Шар Планина од Албанија и нанесувале трајни негативни последици, како и војните и новонастанатите граници.

Шар Планина, освен за земјоделието и сточарството, пружала можности за развој и на туризмот, рударството и други стопански гранки.

Посебно природно богатство на тетовчани е реката Пена. Уште во средниот век, користењето на водите на реката Пена се регулирале со посебен документ. Така, во Хрисовулата на *Богородица Хтетовска* со која српскиот цар Душан му подарува имоти на овој тетовски манастир се вели дека овој манастир има исклучиво право на искористувањето на водите од *Хтетовка* како што тогаш е нарекувана реката Пена[966]. Ползата од овој водотек за тетовчани била повеќенаменска. Искористеноста на реката Пена во првата половина на 20. век е можеби најголема во однос на сите други периоди пред и после тоа.

Реката Пена била искористувана за повеќе намени: 1. наводнување на Тетовското Поле; 2. низ системот на јазови и бразди, водата се користела за наводнување на тетовските бавчи, одгледување на шатки, напојување на стоката и одржување на хигиена и полнење со вода на мразарниците; 3. развој на воденичарството преку неколкуте воденици на реката и уште 16 воденици на јазовите низ градот; 4. развој на пушкарството преку инсталираните чаргови на реката каде со помош на воденот погон се бушеле цевките; 5. кожарското производство преку неколкуте кожари на реката; 6. текстилното производство претставено преку неколкуте валавици и фабриката за гајтани на воден погон на реката; 7. мелничкото производство застапено со големиот млин на воден погон на реката; 8. производство на електрична енергија преку хидроцентралата; 9. риболов; 10. рекреативен живот преку плажите на реката Пена; 11. производство односно толчење на бурмут[967].

Карактеристично за тетовските македонски домаќинства е секако егзистенцијалната компонента, која се изразувала во обезбедувањето на изворите на храна. Имено, речиси сите занаетчиски и трговски семејства, кои доминирале во градот во однос на другите, поседувало по едно лозје, една нива и една крава или коза, барем по една свиња и неколку домашни птици во бавчата[968]. На ваков начин, тетовчаните се обезбедувале со најосновните прехрамбени производи, неопходни за егзистирање, кога често во тешки политичко-економски услови, не биле во можност да се одалечуваат подалеку од градот а често и од дворот.

---

[966] Л. Славева, Грамота на крал Стефан Душан на *Света Богородица Хтетовска* веројатно од околу 1343 година, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980, 303.

[967] Снежана Станинска Поповска, Ами Буе . . . . цит. дело, 130. Во првата половина на 19.век, патеписецот Ами Буе регистрирал една државна воденица на еден јаз кој се наоѓал во северниот дел на Тетово, кај што се толчел бурмут.

[968] Драго Симовски . . . цит. извор, 04. 08. 2006.

Со векови поседувањето на земјата во овие краишта значело, контрола на главниот извор на приходи и опстанок. Уште во средниот век земјата во тетовско ја контролирале моќните феудалци и црквата. Во Тетово, манастирот *Св. Богородица Хтетовска* се јавува какао голем земјопоседник[969]. Нејзините имоти за време на османлиското освојување на Македонија, припаднале на новите освојувачи, кои го спровеле тимаро-спахискиот систем[970].

До половината на 18. век, земјиштето сепак се уште претежно било во сопственост на христијанското население. Но поради насилните навлегувања на Албанците во Полог, полека, Македонците ја напуштале својата земја или се согласувале да станат чифлигари кај турските бегови, за да добијат заштита од понатамошните насилства[971], и својата земја ја предавале во сопственост на чифликсајбиите. Чифличкиот систем[972]иако правно немал феудални форми на сопственост, во него се среќаваат извесни реликти на османлискиот тимаро-спахиски систем[973]. Во 19. век, речиси целото земјиште во тетовското поле било во рацете на Албанците и Турците[974]. Според едно истражување од 1916 година[975], од 8.000 дулуми (1 дулум = 1300 - 1600 м. кв.) плодна земја, кои припаѓале на градот Тетово, само 400 дулуми биле сопственост на христијанското население. Од 94 села во Тетовско, при крајот на 19. век, имало 10

---

[969] Л. Славева, Попис на имотите на Хтетовскиот манастир од 1343 година; Грамота на крал Стефан Душан на *Света Богородица Хтетовска* веројатно од околу 1343 година, Споменици . . . цит. дело, 277 - 322.

[970] Глиша Елезовиќ, Турски Споменици, книга прва, свеска I, Српска краљевска академија, Београд, 1940, 43 - 63.

[971] МишайковД., Македония виконмическоотношение, София, 1917, 37 - 39

[972] Димитар Поп Георгиев, Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрно- правни односи во Македонија до Балканската војна 1912, ИНИ, Скопје, 1956, 127 – 150.

[973] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, Ф. бр. 323. Ракопис за Долни Полог, АК - 41, 121, 122. Ваквиот систем во Полог започнал да се развива во 17. век. Се кажувало дека речиси сета земја им припаѓала на насилните паши, беговите и агите, но во триесеттите години на 20. век во Тетово речиси ги немало. Постапно и со време христијаните со спечалените пари од печалбарството купувале парче по парче од земјата и со тоа создавале свој имот под потенцијална опасност да му се одземе повторно на сила. Чифлигарите работеле на нивната земја под камшик и тоа цели семејства. Тие не поседувале ништо. Агата и бегот земале онолку *колку им чини*, а на рајата или на измеќарите - исполџиите - наполичарите им давале она што ќе преостанело, бидејќи ја уживале "заштитата" на агата и бегот. *Наполичарите* наместо за половина работеле за третина од родот. *Ќесимџиите* ја земале нивата со пари од која половина од жетвата повторно му припаѓала на господарот. Живелиштата на рајата кои наликувале на шупи, им ги подигале беговите и агите. Целата стока била нивна. Чифчијата можел само да работи и скромно да се облекува и живее. Состојбата со рајата по селата се изменила дури после 1908 година бидејќи истата била ублажена, а маките биле смалени. Се постапувало почовечно и чифчиите добиле право и започнале да ја откупуваат земјата од беговите за евтини пари, која нивните претци ја обработувале долги години. Остатоци од чифличките живеалишта и беговските куќи како објекти ги имало и во триесеттите години во Сараќино, Брвеница, Приљубиште, Озормите и др. села. Ваквата долговековна состојба создавала менталитет со особености, како плашливост, неискреност но и издржливост и штедење.

[974] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот на Министерството за народна правда, занати и индустрија у присајидењим областима и занати устарим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 221 - 224.

[975] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 37.

Page 185

чифлигарски села[976] од кои само еден чифлик бил во сопственост на Лешочкиот манастир, а другите чифлици во сопственост на муслиманите[977].

Но при крајот на османлиското владеење, се повеќе земја во тетовскиот атар, купувале Македонците. Најчесто купувале печалбарите повратници и богатите тетовски трговци и занаетчии. Процесот на раситнување и распродавање на чифлиците особено се забрзал за време на војните од 1912 до 1918 година а тој процес продолжил и во дваесеттите години, кога Турците го напуштале Тетово и своите земјишни поседи ги продавале на Македонците[978]. Со аграрната реформа, која не ги задоволила големата маса на беземјаши и повторно ги заштитила големопоседниците. Од друга страна со аграрната реформа, најубавата земја во тетовското поле и неговата околина била доделена на српските колонисти[979].

Со оглед на населеноста, но и од други околности[980] во Полог, земјишните поседи биле најчесто мали. Средната величина на селскиот посед била од 2 - 3 хектари и многу ретко имало поседи над 10 хектари. Најголемиот број на имоти биле во големина од 3 - 5 улчуци (1 улчук - 1.280 м. кв.). Оттаму, побарувачката на земјата отсекогаш била голема а земјиштето скапо.

Македонските печалбари од Тетово, по нивното враќање во дваесеттите години на 20 век, се повеќе ја купувале земјата, која била во непосредна близина на градот. *Пишманоа бавча*, *Здравеа бавча*, *Пржоа бавча* и др. Секое поуспешно занаетчиско и трговско семејство меѓу Македонците во Тетово се стремело да поседува, покрај едно лозје и барем една нива во полето. Научени да живеат во непредвидливи околности, поврзани со политички, воени и економски кризи, поседувањето земја на тетовчаните им значела одредена сигурност за опстанок. Доколку не можеле сами да ја обработуваат нивата ја давале под *ќесим*.

По Втората светска војна, кога се воспоставени нови општествено -политички односи во социјалистичкото уредување, раководено од Комунистичката партија, повторно дошло до промени во сопственоста. Со Аграрната реформа[981], дошло до драстични промени до структурата на работната сила во целокупното општество. Имено, со одземањето на земјата на оние кои имале повеќе, поделба на земја на оние кои имале најмалку, нивна колективизација и најголемиот и најквалитетниот дел од земјата доделени на земјоделските стопанства во

[976] И. Разбойниковь, Чифлигарството въ Македония и Одринско, Солунь, 1913, 35.
[977] Тетово и Тетовско . . . . цит. дело, 261.
[978] Панче Кироски, Аграрно поседовните односи, структурата на аграрните поседи реперкусиите врз земјоделското производство во Тетово и Тетовско меѓу двете светски војни, Тетово и Тетовско во НОВ, 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 117 – 122.
[979] Истото; Александар Апостолов, Колонизацијата на Тетовско меѓу двете светски војни, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово 1991, 129 – 138.
[980] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 37.
[981] Виолета Ачкоска, Миграцијата село-град како последица на аграрната политика 1945 – 1953 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1994, 65 – 74.

државна сопственост, дошло до замирање на селата, преку миграцијата село – град и претворање на селаните во индустриски работници[982]. Доминантен сопственик на земјата станува државата.

3.3.1 ЗЕМЈОДЕЛИЕ

Тетово иако во овој период е типично занаетчиски град, сепак прилично голем број на семејства обработувале и земја, одгледувале добиток, колку за домашни потреби а располагале и со свои бавчи и лозја. Земјоделието всушност било во најголемиот број на случаи само извор на дополнителни приходи, кои се надоврзувале на приходите од градските дејности, но имало повеќе семејства кои исклучиво живееле од оваа дејност. Богатото тетовско поле и Шар Планина давале убави услови за тоа. Со доселувањето на семејства од селата во тетовските предградија, тие ги донеле и своите навики. Меѓу другото, купувале и земја во близина на градот, која ја обработувале.

На нивите во тетовскиот атар се засадувало најмногу пченка, поради добрите услови за наводнување а потоа и пченица, јачмен, овес и 'рж[983]. Во тој период на еден хектар земја на тетовското поле можело да се произведе 1.200 оки пченица или јачмен или 2.000 оки пченка и 300 до 400 оки грав. Во 1909 година од Тетово и Гостивар биле извезени 30.000 квинтали грав, од кои половината во Цариград[984]. Во триесеттите години на 20 век, гравот се уште бил успешен извозен продукт во Франција, САД, Грција, Турција и Египет, но веќе во втората половина на оваа деценија, во Франција, околината на Марсеј бил засеан тетовскиот граф, кој успешно се развил. Тоа придонело извозот на оваа култура во Франција, драстично да опадне[985]. Во 19 век во Тетовско се произведувал ориз, кој во почетокот на 20 век, полека, го отстапувал своето место на другите земјоделски култури[986].

Земјата се користела рентабилно за добивање на повеќе земјоделски култури. Пченката како култура е доминантна во Тетовското поле а покрај неа се одгледува гравот и тиквите во големи количини[987]. После жетвата на јачменот или пченицата, мошне често, земјата се преорувала и се засадувала со расад на зелка или пиперка.

---

[982] Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственички односи, промени процеси во Македонија 1944 – 1953, ИНИ, Скопје, 1998.
[983] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље . . . цит. извор, 113; МишајковД., Македония, . . . цит. дело, 36.
[984] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 228.
[985] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, Боро Јосифиоски, АК – 5, исечок од весник – М.М. Горњи и Доњи Полог извозе најбољи пасуљ из Југославије, Политика, Београд, недатирано.
[986] Истото, 196 – 197.
[987] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље цит. извор. . . , 40.

Од индустриските билки најзастапен бил тутунот, чие одгледување во триесеттите години на 20 век зело голем замав. Покрај селаните со тутунот се занимавале и доста градски семејства[988]. Квалитетот на тутунот бил од средна категорија а приносите добри.

Ленот и конопот се сееле во незначителни количини, колку за домашни потреби.

Во полето при наводнувањето посебно на пченката а со неа и гравот се бара редовност. Гравот се разликува од градинарскиот по тоа што тој дава по една берба при секое наводнување, така што во една сезона можело да има 5 до 6 берби[989].

Според еден преглед на пролетната сеидба во 1949 година[990], на територијата на тетовскиот атар биле засеани следните земјоделски култури: јачмен, р'ж, пченка, компири, кромид, овес, лук, грашок, бакла, зелка, домати, пиперки, лубеници, боранија, сончоглед, лен, тутун, луцерка, сточна репа, сточен грашок, граор и уров, фуражна царефка, грав и др.

Она по што земјоделието во Полог а со тоа и на Тетовското поле се издвојува е големото внимание посветено на наводнувањето на полето низ системот на *јазови* и *бразди* како во градот така и во полето. Овој систем на наводнување се развил уште во турскиот период. Овој систем бил неопходен поради порозноста на почвата која не ја задржува водата, како и топлите и сушни лета, во кои имало ретки, но поројни дождови кои можеле да нанесат големи штети. Од реката Пена, од нејзиниот погорен тек, се издвојувале гореспоменатите многубројни канали кои поминувајќи низ градот продолжувале во полето. Системот за наводнување, кој на прв поглед бил примитивен за оние кои го посетувале Тетово, сепак подеталното набљудување на оваа дејност покажува дека тоа не било така. Овој систем бил добро развиен со востановени правила, надзор и санкции[991].

---

[988] Истото.
[989] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје . . . , 117.
[990] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК - 14. 14/91.
[991] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 39 - 40. *Таа работа (наводнувањето - Б.С.) тука се вршела од дамнина и тоа мошне вешто и на организиран начин. Бидејќи од водата и нејзината употреба во полето зависела благосостојбата на секој земјоделец, затоа се води многу сметка за праведна распределба на водата за наводнување, за одржување на каналите, за надзорот на потрошувачката, како и за фаќањето и казнувањето на оние кои водата бесправно ја земале. Во случај да се појави било каква елементарна непогода, на пр. ненадејна поплава (пороj - Б.С.), и ги оштети каналите во поголема мера, сите заинтересирани учествуваат во брзата поправка на штетата, или самите или преку платени надничари.Видов, како само наводнувањето на поедини делови од земјиштето се одвива на повеќе начини.На нивите и ливадите во рамницата, каде што површината е сосема хоризонтална или под незначителен пад, се врши едноставно потопување. Таквата нива или ливада се оградува со мал насип. Потоа се поделува на два, три или повеќе делови, спрема потребите, повторно со мали насипи, на кои има плитки отвори. Водата најпрво се пушта во првиот дел, па кога овој потполно ќе се потопи, тогаш се пушта во вториот ограден дел и така со ред, додека целата нива, односно ливада не остане под вода. Нивите ги потопуваат пред засејувањето, ако земјата е сува. Велат тогаш дека "прават нива". Ливадите се наводнуваат во раната пролет, вообичаено во април, а и подоцна по*

Page 188

Во Тетово имало земјоделци (чифчии) кои живееле исклучиво од тоа. Најчесто на нивите одгледувале пченка, грав, тикви[992] *и др. Покрај тоа чувале и стока*[993]. Тетовските земјоделци, својата земја ја имале во непосредната околина на градот, но и во селата од каде што потекнувале.Земјоделците од Тетово и Гостивар се организирале во Здружение на земјоделците[994].

По Втората светска војна, голем дел од плодното земјиште било со аграрната реформа превземено и предадено на земјоделските задруги[995]. Обработувањето на земјиштето, се повеќе се механизирало, а во Тетово е отворена првата машино-тракторска задруга. Првиот тракторист од Тетово бил Иван Марушка, кој во Тетово се обидел, да работи како тракторист уште во 1925 година, кога на негово разочарување ниту еден земјоделец не прифатил да му се обрботува нивата со *таа ѓаволска машина*, која може *земјата да ја направи за секогаш неплодна*[996]. Како новитет во земјоделието, во 1948 година за првпат е употребувано вештачкото ѓубриво[997].Тетовчани кои живееле од земјоделието имало повеќе[998].

потреба. Во друг случај тоа се одвива ноќе, бидејќи преку ден водата е зафатена за наводнување на пченката. Подруг е начинот за наводнување на нивите и ливадите кои имаат поизразен пад кон едната страна. На издигнатиот крај се ископува главната бразда, од која се одвојуваат повеќе мали бразди, најчесто паралелно поставени. Водата, течејќи преку браздите и прелевајќи се преку нивните ранки ја наводнува постепено целата нива. Вишокот вода се собира на најниските крај на нивата во поголема јама, откаде водата се одводува за наводнување на друго земјиште. На пострмните терени, пред пуштањето на водата, земјата се покрива со слама, за да не може водата да ја однесе земјата.Особено корисен начин на наводнување е т.н. "плаеница". Пред употребата водата ја помешуваат со ѓубриво во една поголема дупка па потоа со неа ја наводнуваат нивата.Се внимава и на тоа да водата ја наведуваат тогаш кога е матна, што исто така е од голема корист за земјата, поради мноштво на хранливи состојки, најмногу минерални, кои таквата вода ги носи со себе.Таму каде што нивото на водата е понизоко од површината на нивата, наводнувањето се врши со помош на тркала т.н. "долапи", која ги покренува запрежна стока, а често пати и човекот со сопствената сила. Издигнатата вода се разводнува како и погоре.Од нивите се наводнуваат само оние кои се засеани со пченка и тоа обично три пати восезоната, а поретко и четврти пат, ако е сушна годината. Пченицата, јачменот и 'ржот редовно успеваат без наводнување.

[992] Тикви имало два вида: *комадарќе* или *ченкарќе* со ребреста кора од кои се правеле пити - *комади* и *балкабаќе*, и вториот со мазна кора од кои се правел речел и печена тиква.

[993] Драго Симовски . . . цит. извор, 02.02. 2007.

[994] Глас Полога, Тетово, 25. 06. 1938, 1.

[995] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 28 , Околиски народен одбор Тетово (1945 – 1965), АК – 76, 77.

[996] Боро Јосифовски, Кад је трактор био реткост, Политика, Београд, исечок во ф. Бр., Боро Јосифовски, АК – 1.

[997] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 736, Ристо Брезјанин, АК – 1, варија, дипломска работа на Михаил А. Гугувчевски, Diplomski rad iz posebnog ratarstva, *Ratarska proizvodnja iz Donjeg Pologa, 01. 09. 1949.*

[998] Земјоделци: Ѓорѓе Аврамовски, Благоја Анѓелковски, Јаков Анѓелковски, Ѓорѓе Арсовски (с. Волковија), Анание Антевски, Александар Алексијевиќ, Симо Бошковски, Гаљо Блажевски, Спиро Василевски, Симо, С. Василевски, Гого Василевски (Вратница), Томо Василевски, Ќирко Василевски, Јосиф Василевски (Стенче), Богдан Велјановски, Нено Геров, Ѓорѓија Герасимовски (Теарце), Јован Гавриловски, Гашо Глигориевски, Михајло Димовски, Мисаиљ Димитријевски, Јефта Димитријевиќ, Христе Ѓеровски, Илија Ѓорѓевски, Димко Здравковски, Зако Златановски и Никола, Симо Илиевски, Јанко Илиевски, Младен Илиевски, Гого Јаневски Цинле, Радомир Јанкуловски, Ѓело Јовановски (Раотинце), Трпко С. Јовановски, Ристо Јовановски (Брвеница), Марко Јовановски, Блаже Мишевски,

Page 189

3.3.2 ОВОШТАРСТВО

Овоштарството во Македонија, во турскиот период, немало организиран облик на одгледување, освен во тетовскиот и преспанскиот регион каде се одгледувале прочуени врсти на јаболка[999]. Тоа доаѓало оттаму што секој произведен плод во овоштарството бил собиран од агите и беговите. Овошјето растело без било каква интервенција на човекот. Од овошјето само се земало а ништо не му се давало, односно, ниту се ѓубрело, ниту се поткопувало, ниту се заштитувало со вар или било кое друго средство, ниту се режело[1000]. Ѓорче Петров при крајот на 19. век, пишувајќи за Тетово, во поглед на овоштарството забележал дека овој крај има идеални услови за развој на овоштарството[1001].

За тетовското јаболко, Андреа Стојанов забележува дека дрвата кои даваат таков убав плод и на изглед и по вкус, тетовчаните го имаат во своите дворови и тоа расте без нивно одгледување и дека со поголемо внимание би имале и поголем успех во неговото производство[1002]. Во почетокот на триесеттите години, во двата Полога, плодната површина изнесувала 167. 700 хектари, од кои била обработено 96. 300 хектари, а насадени со овошје биле само 244,5 хектари или 0, 25%, на кои се наоѓале се на се 17. 421 дрво со јаболка, што се сметало за сосема недоволен процент на застапеност на овошјето во овој регион[1003].

Тоа не ги спречувало тетовчаните со овоштарство да се занимаваат во Србија, каде што како печалбари работеле во повеќе градови[1004]. Сепак и во турскиот период се применувало по некаде калемењето и пресадувањето, односно облагородувањето на

Томо Ќ. Настоски, Божин Настовски (Брезно), Михајло Петковски, Александар Ристовски, Атанас А. Ристовски, Јован Серафимовски, Томо Серафимовски Ѓупе, Јован Софрониевски (Лешок), Мате Серафимовски Шето, Дамњан М. Симовски (Теарце), Петар М. Симовски, Спиро Симовски, Вељо Спасовски, Томо Столевски, Аврам Трајковски, Атанас Тофовски, Ѓорѓе Трпчевски (Горанце) и др.

[999] Вјекослав Буждон, Воћарство, Споменица двадесетпетогодишњице . . .562.

[1000] Јарослав В. Јаковљевић, Распростирање и гајење јабуке тетовке, Полог, Тетово, бр. 84, 03. 11. 1934, 2 – 3.

[1001] Г. Петровъ, *Тетовскатакааза,* МатериалипоизучуваниетонаМакедония, София, 1896. 413. *Тетовско, како што се гледа, е крај кој е најблагопријатен за овошните дрва; пространите необработени места би можеле да се покријат со градини а со тоа и со стебла од овошни дрва, кои ќе претставуваат главен извор на богатството за многу места. Дрвата од кои се добива овошјето, се самоникнати и произволно вреат во планината, по нивите, во дворовите и во неуредените градини по куќите без секаква помош на човековата рака. Затоа, овоштарството е мошне слабо развиено и ползата од него е мала. Големите даноци врз дрвата уште повеќе му го намалуваат значењето. Властите земаат данок од 4 гроша на секое дрво, како на недвижен имот, зема данок и на овошјата. Често се остава на спахијата заедно со мухтарот да го определуваат количеството на овошје за секое дрво и цената на тоа дрво, вообичаено ја прави голема, па за сопственикот останува многу малку, а често не останува никаков приход.*

[1002] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.

[1003] Јарослав В. Јаковљевић, Распростирање . . . цит. дело, 2 – 3.

[1004] Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Друштво Св. Сава, Београд, 1928, 135.

Page 190

овоштијата било познато и во тој период[1005]. Од овошјата во Полог, најзастапени биле јаболката, костените, оревите, црниците, крушките, црешите, разни видови на сливи и др. Со овоштарството во овој период, исклучиво се занимавале Македонците[1006], а за свои домашни потреби и Турците[1007], додека Албанците речиси воопшто не се занимавале со оваа гранка. Според Петровиќ, Турците покрај затекнатите видови донеле и нови видови овошје. Благодарејќи на Турците во Тетово се донесени повеќе видови круши, па така на пазарот во Тетово, повеќето видови на круши и кај Македонците биле нарекувани со турски термини (јерибасмас, сариармуди, ќетли бутли и т.н., а различните видови круши пак овозможиле во градот да има на пазар круши преку целата година[1008].

Овошјето во Тетово до дваесеттите години се одгледувало по бавчите, но најмногу, таа традиција била застапена кај турското население, кое располагало со мошне големи бавчи во рамничарскиот дел на градот, со квалитетна почва и кои благодарејќи на тетовските бразди биле добро наводнувани. Македонците во тој период претежно живееле во ридниот дел на градот, на подножјето на Шар Планина, со многу помали бавчи, освен исклучоци. Тие во своите дворови, најмногу одгледувале јаболка, слива и црница, која освен за храна служела и како индустриско овошје за одгледување на свилени буби и производство на свила. Овошните дрва, Македонците од градот ги имале на Балтепе и на Стрмол, кои виреле во лозјата, како лозјарската праска, сливите, од кои најзастапена била џанариката, јаболката и др. Над пределот на лозјата се наоѓале *орманите* полни со костенови дрвја кои по квалитетот на плодовите биле едни од најквалитетните во регионот[1009]. Костените биле во сопственост, најмногу на Тетовчаните кои имале потекло од селото Лавце. Имено, иако тие се исселувале од селото, земјата ретко ја продавале, затоа што била многу блиску до градот.

Костените ги разликувале на *црвени* и *сивљави*. Се береле околу *Крстовден* и таа работа се нарекувала *чукање* или *тресење коштање*. Преку зима ги чувале во посебни дупки. Во длабоката дупка до еден метар на дното и од страна се постелува папрат. Потоа дупката се полни со костени и одозгора повторно со папрат и со земја. На таков начи, костенот се одржувал речиси до *Ѓурѓовден*[1010].

[1005] ЈованХаџиВасиљевиќ, Потетовској . . . цит. дело, 25.
[1006] Истото.
[1007] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 43.
[1008] Наум Мартиновиќ, Гајење јабуке и крушака у околини Тетова, Глас Полога, Тетово, бр. 102, 09. 03. 1935, 3.
[1009] Истото.
[1010] Истото.

Сливите во полог се од послаб квалитет а т.н. *џанарики*, се користат за печење на ракија *џанарикоџа* и тие се од посебно значење во периодите кога лозјата ги зафатувала болест, најчесто филоксерата[1011].

Во Тетово, се одгледувала надалеку познатиот автохтон вид на јаболка, наречрена *Тетовка.* Според својот вкус, боја и начин на одгледување се издвојувала од другите, особено од индустриските видови, кои подоцна се повеќе го заземаат нејзиното место, поради рентабилноста.

Тетовчаните во тоа време негувале посебен однос кон тоа јаболко, со оглед што нејзиниот квалитет и славаго пренесувало името на градот од каде што потекнува[1012].

Освен *Тетовките*, во Тетово и околината вирееле и други автохтони видови јаболка: *челеби*[1013], *самунки, босјанки* (најкрупните јаболка), *петровки*(најрано зреат, околу *Петровден*), *шаренички, врбовички и ѓолабии.* Ѓолабиите се извезувале во Истанбул[1014]. *Тетовката*, освен во Турција се извезувала и во Грција и Египет[1015].

Услови за развој на организираното овоштарство се појавиле по Првата светска војна. Така, во дваесеттите години на 20. век, кога поголем број на турските имоти во градот ги купиле Македонците, тие започнале, меѓу другото да се занимаваат и со одгледување на повеќе видови овошје.

[1011] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, Ф. бр. 323. Ракопис за Долни Полог, АК - 41, 128.

[1012] Јарослав В. Јаковљевиќ, Распростирање . . . цит. дело. Берење: *Бербата ја вршат преку целиот ден, но јаболката кои мислат да ги задржат за своја употреба ја берат наутро и навечер во поладно, бидејќи забележале дека така обраните јаболка подобро се чуваат, а сите јаболка ги остваваат да ги фати слана од истите причини. Дека ќе падне сланата, познаваат по тоа што на највисоките врвови на Шара, Турчин и Љуботен ќе се појави снег. Јаболката ги берат доста внимателно, редовно со рака, никогаш не ги тресат; при берењето внимаваат петелката да не ја скршат; ако некој плод е висок и не може да се фати со рака, тогаш тие ја берат со помош на "берило" или со "чаша" како тие ја нарекуваат, а кои ја прават сами, на тој наин што од врбов или лесков прат, а по некои и од коноп, правеле нешто слично на чаша и тоа го прицврстуваат на една долга мотка, па неа ја подметнуваат под јаболката и потоаа влечат. . . . Обраните јаболка ги стваваат во торба, поретко во корпи и тоа на раце, често и на магарија, на кои местат кошеви (корпи со јајцест облик, со што можат да се прицврстат на самарот), кои претходно ги обложуваат со р'жена слама, смекната со помош на млатило. . . .* Чување: *Во собите поставуваат едно дрвено постоље во вид на кревет, издигнато над земјата 20 – 30 цм., или не го воздигнуваат, туку на земјата поставуваат даски, па потоа ги редат. На ова постоле се реди ред слама ред јаболка, па се така на височина од 1 – 1,50 м., па од таму, како што реков ги вадат кон половината од зимата и ги продаваат по цена од 7 – 10 дин. по килограм. На полиците кои вообичаено ги има во секоја соба, каде што ги редат во два реда, една до друга, но така да не се допираат и од време на време ги прегледуваат, па сите оние кои започнале да скапуваат ги употребуваат. Вака сочуваните јаболка се вистински деликатес, и се продаваат на парче и тоа доста скапо.*

[1013] МишайковД., Македония . . . цит. дело, 36.

[1014] Г. Петровъ, *Тетовската кааза,* Материали по . . .цит. дело, 412.

[1015] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 43.

Во Тетово, голем придонес за развојот на овоштарството има *Околискиот овошен расадник*, кој започнал со својата работа во 1924 година[1016].Како нерентабилен во 1933 година бил затворен, а работата ја превзело земјоделското училиште. Расадниците одгледувале овошен расад на 8 хектари од речиси сите видови на овошје кои успеваат на овие простори, како и лозови насади. Садниците расадникот ги продавал за поволна цена на земјоделците, а на сиромашните семејства, на училиштата, црквите, манастирите и други институции им доделувале безплатно.

Според Бранко Покорни, поранешен управник[1017], освен овие акции расадникот вршел калемење на самоникнатите овошки во регионот, обука на заинтересираните за калемењето и одржувањето на овошките и активна соработка со Земјоделскиот техникум во Тетово. Интересот и кај Тетовчани бил голем. За управници на овие расадници се назначувани школувани и обучени кадри од земјоделската струка[1018].

По Втората светска војна, во 1947 година обновена е работата на расадникот и мошне бргу е прогласен за најдобар расадник во Македонија. Уште првата година биле произведени околу 17. 000 садници на јаболка, круши, сливи, праски и дуњи. Набргу производството на расадникот било проширено и со 60 хектари ново земјиште на кои се одгледувале садници за украсни дрва, производство на зеленчук, винова лоза и одгледување на пчели. Дел од производите се извезувале во странство[1019].

Нижето земјоделско училиште во Тетово[1020], особено внимание посветувало на овоштарството и неговиот развој во тетовскиот регион, на што упатува податокот дека 3,4 ха биле засадени со овошни насади. Училиштето располагало со речиси 7 ха. сортименски јаболков овоштарник, какви имало само неколку во Југославија, задужбина на Никола Спасиќ и во него имало дури 76 сорти јаболка. Во овоштарникот имало 1001 стебло и тоа 708 јаболкови, 63 крушкови, 46 црешови, 115 сливови, 32 ореви и 32 кајсиски стебла. На овоштарникот се истражувале сортите на овошја кои најдобро успевале во Полог. Во овие сорти се одгледувала и *тетовката*, за која сметале дека не е по вкусот на западните земји и не може да се извезува, па затоа само ја одгледувале за домашни потреби.

[1016] Боро Јосифоски, Воћни расадник за пример, Политика, Београд, 11. 08. 1954, 8.
[1017] Бранко Покорни, (Сарајево, 1907 - Тетово, 1995), некогашен управник на Околискиот.
[1018] Така Бранко Покорни, кој во тетовскиот расадник бил управник од 1930 до 1933 година имал завршено средно Земјоделско училиште во Краљево и како најдобар ученик во генерацијатаво 1925 година, прва служба добил во Прилеп, а потоа во Тетово. По Втората светска војна завршил Виша земјоделска школа во Сарајево и како таков, повторно работел во тетовскиот расадник од 1955 до 1961 година, кога се пензионирал.
[1019] Боро Јосифоски, Воћни расадник . . . цит. дело.
[1020] Сотир Наумовиќ, Нижа пољуприврелна школа у Тетову, Њен значај и рад, Глас Полога, 04. 06. 1938, бр. 271, 4;

Page 193

Годишно се продавале од 10 - 15 000 овошни садници. Биле преземени акции за калемење на диви овошки и на тој начин се добивал квалитетен род, со што се изгубила пројавената недоверба кај населението кон опитите кои се вршеле во училиштето[1021].

Весникот *Глас Пологa*[1022], во 1937 година покренал иницијатива за основање на Овоштарска задруга во Полог. Тука се истакнува значењето на прочуената јаболка *Тетовка.*

И покрај сите овие институционални мерки, одличните природни услови и напредокот на овоштарството во тетовскиот крај, според некои анализи, Полог и во триесеттите години на 20. век се уште не прераснал во познат овоштарски крај. Тоа доаѓало од таму што улогата на овошните расадници се ограничувала само на подигнување и издавање на садници, а останатото било препуштено на неуките селани: изборот на земјиштето, подигнувањето, распоредот на овошките, самото садење, образувањето на круната, негата и борбата против штеточините[1023].

3.3.3. Г Р А Д И Н А Р С Т В О (тет. -бафчованџиство)

Градинарството во Тетово било моше развиено занимање уште во 15. век[1024]. Патеписците од 19. век, забележале дека тетовскиот крај има идеални услови за развој на земјоделието, меѓу другото и на градинарството. Сепак во почетокот на 19. век ова занимање не било многу распространето меѓу македонското христијанско население, за да во втората половина на истиот век и почетокот на 20. век, тоа да биде повеќе застапено.

Така, во пописниот дефтер од 1846/7 година за градот Тетово[1025], попишани се 273 христијански домаќинства. Од нив, 9 домаќинстава се воделе како бавчованции.

Според Ѓорче Петров (1896 г.): *Тетовската каза е богата со пасишта и со одлични услови за развој на сточарството, додека од земјоделството едвам се задоволуваат потребите на месното население. Главно се произведува пченица . . . . потоа се произведува лен, конопи, големи лубеници и прекрасен тутун . . . Зеленчукот се произведува во ограничени количини бидејќи населението не го користи многу. Многу градинарски растенија како што е цвеклото, морковот, компирот, бамјите, ренот и други производи се сосем непознати. Меѓутоа тетовскиот и гостиварскиот грав се слави во Скопје*[1026].

[1021] Роза Ристоска, Земјоделско училиште Тетово 1928 - 1968, УЦ *Моша Пијаде,* Тетово, 1988, 18.
[1022] М. Марсекић, Потреба воћарске задруге у Пологу, Глас Полога, бр. 228, 12. 06. 1937, 2.
[1023] Дане, Зашто Полог и поред свих услова да се развије у одлични воћарски крај – то за сад још није, Глас Полога, бр. 309, 28. 02. 1939, 3; Истото, бр. 310, 04. 03. 1939, 3.
[1024] Александар Стојановски, Македонија во турското . . . цит. дело, 199.
[1025] Турски документи, за историјата на Македонија, пописи од XIX век, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1998, 209 - 272.
[1026] Г. Петровъ, Тетовската кааза, Материали по . . .цит. дело, 412.

Тетовчани не се занимавале со бавчованџиство само во родниот град. Тие своето знаење го применувале и како печалбари, надвор од Македонија од каде што се стекнувале со нови сознанија и потоа истите ги применувале и во Тетово. Во едно писмо на српскиот дипломат во Истанбул, Стојан Новаковиќ, од 1891 година, до министерот за надворешни работи на Кралството Србија меѓу другото стои: *"Над Галата, покрај Златниот рог има една долина, во која е големото предградие Хасим Паша, со многу бавчи, во кои се сее зеленчук и цвеќе. Во тоа предградие живеат 1500 - 1600 наши браќа Македонци од околината на Тетово, Ресен, Битола и Прилеп"*[1027]. . . Значи во главниот град на Османлиската империја кој воедно бил и најбројниот по жители, голем број на тетовчани ја нашле својата егзистенција, работејќи како градинари.

Јован Хаџи Васиљевиќ, кој Тетово го посетил во 1909 година, за бавчованџиството во овој град вели: *"Иако многу тетовчани, граѓани, немаат свои градини, бавчованџиството е многу развиено во градот и околината. Во непосредната близина на Тетово постојат текијски, рецеп-пашини и беледиски (општински) градини, кои луѓето ги закупуваат и ги обработуваат. Зарзаватот - зеленчукот од Тетово се извезува во Скопје и Гостивар за зимница"*[1028]. . . Таа година Хаџи Васиљевиќ регистрирал само два организирани занаети во еснафи и тоа биле мутавџискиот и бафчованџискиот. Бафчованџискиот занает држел голем пир, еснавска слава. Еснавската слава на градинарите заедно со лозарите и земјоделците била "*Св. Трифун*".

Во еден српски извештај[1029], од 1913 година во Тетово имало 30 градинари но не е кажано колку од нив се Македонци, а колку Турци и Албанци. Според истиот извор, на туѓа земја градинарот може да заработи од 400 до 800 динари и тоа најчесто го работаат на 4 дулуми.

Во периодот од 1915 до 1918 година тетовскиот регион подпаднал под бугарска власт. Во овој период според бугарски извори[1030], во 1916 година, во Тетовскиот округ (во кој влегувале тетовската, гостиварската, галичката и бродската област) имало земјоделска површина од 8.401 дулуми (1 дулум = 1300 до 1600 кв.м.) насадени со грав (кој се сеел заедно со царевка) и 10. 750 дулуми под зеленчукови градини. Во отежнати воени услови на тетовскиот пазар од 1916 - 1918 година, вртоглаво се искачувале цените на производите и се појавила голема шпекулација[1031].

[1027] ДАРМ, Скопје, Министарство иностраних дела, Краљевине Србије, Просветно -политичкло оделење, Микрофилм 572, бр.1471, фасцикла XIV, 1891 год.
[1028] Јован Хаџи-Васиљевић, По тетовској области, Београд, 1938, 15 - 16.
[1029] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 137 - 138.
[1030] Д. Мишайков, Македония в икономическо отношение, София, 1916, 35.
[1031] Истото, 44.

На економски план, во периодот меѓу двете светски војни, Тетово доживува извесен напредок. Релативно мирниот период од две децении, овозможил обновување на занаетчиството и трговијата, кои не останале без потреси во времето на големите економски кризи кон крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години на 20. век.

Во овој период, главна карактеристика на градинарството е унапредувањето на оваа група на култури[1032]. Се воведува системот за производство на ран зеленчук во што семејствата Петровски – Шишевци (Јован со синот Боре и братот Коце) и Шуковци (Коце, Јован, Ацо Димитриевски и др.) во Тетово се меѓу првите[1033].

Од друга страна со внесувањето на разновидно семе од странство поправен е и квалитетот на зеленчукот,а производството и потрошувачката се зголемиле. Ова занимање и понатаму ја игра улогата на главен снабдувач на градските семејства и некои јавни институции со зеленчук. Во градот најголема бавча била *Пржоа бавча*, која ја работело семејството Шишевци. Имало и други бавчи како што се *Пишманоа*, *Здравеа*, *Пашапетрина*, бавчата на Јоан Шуко, *Јовеа бавча*, *Дрдеа бавча* (до стариот фудбалски стадион) и други бавчи[1034]. Во некои од овие и други бавчи немало производство на зеленчук освен за домашни потреби, но сите обилувале со овошни дрва.

Причината за малиот број на градинари во градот е тоа што селата во Полог имаат мошне голем број на домаќинства кои се занимаваат со оваа дејност. Одговорот го наоѓаме во истражувањето на хрватскиот научник Рудолф Петровиќ[1035]. Според статистиките со кои тој располагал, само во Голема и Мала Речица имало 140 (албански - Б.С.) семејства кои се занимавале со градинарството. Во периодот меѓу двете Светски војни, се повеќе се зголемувал бројот на земјоделците во градот. Повеќето од нив биле скорешни доселеници од блиските на градот, села, населени повеќето по периферијата, за да бидат поблиску до своите ниви. Петровиќ тврди дека не постои јасна граница меѓу земјоделството и трговијата во градот.

За развојот на оваа дејност во Полог, според Петровиќ, мошне поволно влијаеле климатските и хидролошките состојби. Особено добро организиран бил системот за вештачко наводнување кој низ Полог бил добро распространет. На развојот на градинарството влијаела и

[1032] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Повртарски услови, 1912 - 1937, Скопље, 1937, 553 - 554.

[1033] Покрај споменатите семејства на Шишевци и Шуковци со градинарство во Тетово се занимавале и Јован Апостоловски, Аце Димитриевски, Ефто Димитриевски, Јован Димитриевски, Коста Димитриевски, Петре Димитриевски, Петре Димовски, Стојан С. Димовски Подлеса, Пејо Ѓечовски, Томо Матоски, Дејан Несторовски, Мате Николовски, Томо Николовски, Живорад Пешовиќ, Велко (Војче) Ристовски, Миче Симоски, Михајло М. Симоски, Спиро Серафимовски, Стојан Серафимовски, Јосиф Серафимовски, Трпе и Ѓоце Стојковски, Ецо Т. Тодоровски, Тодор Тодоровски, некој си по прекар Ќипка (живел 112 години)[1033] и др.

[1034] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 08. 2006.

[1035] Rudolf Petrović, цит. дело, 41.

близината на градот, но според овој истражувач и селското население станало голем потрошувач на градинарски производи. Зеленчукот повеќе се одгледувал како земјоделска култура а помалку како градинарска. Најмногу се садело зелка, лук, кромид, пиперка, домати, дињи, лубеници, компир и гравот. Лукот и пиперката се извезувале а најмногу гравот, кој бил надалеку познат и на пазарите во Солун, Марсеј и Египет[1036].

Целата трговија со гравот одела преку Евреи и нивните комисионери од Скопје, и ретко кој од тетовските трговци[1037].

Некои култури, за кои денеска е незамисливо да ги немало, за прв пат почнале да се одгледуваат во Тетовско, каков што е случајот со морковот или дотогашните навики, на пример доматот да се користи исклучиво зелен. Тетовчаните се чуделе, зошто државните службеници или професори кои доаѓале од Србија и Хрватска, доматот го јаделе откако ќе добиел црвена боја. Всушност во Тетово, доматот никогаш не поцрвенувал во бавчите со сенки и нивната прилично голема влажност. Јагодата во Тетово, започнала да се одгледува дури после Втората светска војна[1038].

Во Земјоделско училиште се обучувани повеќе генерации на квалификувани земјоделци кои во својата пракса ги применувале дотогаш современи сознанија, меѓудругото и за градинарството. Во локалниот весник *Глас Пологa*, во продолжетоци е пишувано за дејноста на овој училишен центар[1039].

3.3.4 СТОЧАРСТВО

Состојбите во сточарството во Тетово и Тетовско доживувале крупни промени, падови и успони, но посебно состојбата со ситното сточарство, кога се однесува на прашањето на бројноста на одгледуваните овци на Шар Планина, никогаш нема да го достигне она ниво, кое го имало во османлискиот период. И покрај сите проблеми со пљачкосувањата на стадата, постоеле крупни сопственици на стада, а бројот на овците на оваа планина, достигнувал во различни периоди од 1 до 2 милиони[1040].

Според званични податоци за 1927 година на Шар Планина имало: 148.760 овци, 1.695 кози, 6.597 крави, и 1.430 коњи[1041].

[1036] Истото, 40 - 41.
[1037] Архива на Љупчо Момировски, историчар од Тетово, ракопис на Симо Момировски, адвокат и истакнат општествен работник од Тетово.
[1038] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006.
[1039] М. М. Пољопеивредна школа у Тетову, Глас Пологa, 28. 09. 1935, ст. 3; 05. 10. 1935, ст. 3., Тетово.
[1040] Глигор Тодоровски, Сточарството, овоштарството, пчеларството и шумарството во вардарска Македонија по Балканските војни (1912 - 1915), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2-3, 1977, 52.
[1041] Душан Кривокапић, Шар Планина, Туристичка Штампа, Београд, 1969, 210.

Во тетовскиот округ, се сметало дека главно народно занимање било сточарството. И покрај големиот број на овци, кози и говеда, истите во физичка смисла, особено говедата биле неразвиени, ситни[1042]. До 1912 година со сточарство претежно се занимавале, муслиманите, односно Албанците[1043], поради мошне тешките услови на постоење на пљачкосувачи т.н. *качаци*, особено се споменуваат *малисорците и љумјаните*[1044]. Пљачките на припадниците овие племиња од Албанија се одвивале два пати годишно и достигале до јужните клонови на Шар Планина[1045]. Сепак некои македонски семејства од Тетово и околните села успевале со помош на албанските сејмени и овчари да поседуваат свои стада, дури и да купуваат свои пасишта[1046]. Македонските семејства од Тетово кои имале во свој посед големи површини планински пасишта, големи стада овци а со нив и коњи, во турскиот период биле: Пашапетревци, Грнчаровци (Глигорие - Ѓиго Грнчар, Добре, Јован, Аце, Боро и др.), Серо Грнчар (поседувал најмногу овци во Тетово), Мачуровци, Сафировци и Ѓорчевци и Карличевци (Тантовци)[1047]. Но по 1912 година еднакво и Македонците од овој крај започнале со сточарството да се занимаваат[1048], иако севкупно тоа се намалило поради новопоставените граници во Македонија. Покрај горенаведените семејства, приличен број на овци имале и други семејства во Тетово, како што се оние со потекло од с. Лавце, Пожаране, Горно Јеловце (Исак Заре Исакоски, Миладин Николовски, Соломон Николовски) кои во своите родни села се уште поседувале стада овци но и поимотни семејства кои во градот се занимавале и живееле од други дејности како што биле Аце Јованов Апостолски Пишман кој работел како шеф на Тетовската трошаринска станица, Тодор Јовановски Јајчар кој бил трговец, Тодор Стојановски, општински службеник и др[1049]. Имено, стадата кои до 1912 година ги користеле високите пасишта на Шар Планина, истите презимувале во Солунското поле. Од 1913 година, за нив достапни биле само зимските пасишта во Овче Поле и Криволак, кои според квалитетот на тревата во однос на Солунското поле, биле неспоредливи[1050], така што сточарството опаднало

[1042] Глигор Тодоровски, Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година, Гласник на ИНИ, Скопје, 1, 1974, 183.

[1043] Истото, 55.

[1044] Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 - 1914, Институт за национална историја, Скопје, 1979, 118.

[1045] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 18; ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље, Ф. бр. 323. АК - 41. 74-220, 3/84. Текстот во ракопис е напишан во триесеттите години на 20. век. Некогаш, отворено со барјаци и дивљачко урлање: *ља-ља-ља* . . . качаците ја терале пред себе украдената стока, не само од христијаните, туку и од самите Арнути и Турци.

[1046] Иван Ђаја, Путовање . . . цит. дело, 13.

[1047] Драго Симовски . . . Освен овие крупни сопственици, овци и друга стока, заеднички чувале и цели села, па и некои граѓани, а потоа го делеле сирењето, маслото, урдата и др производи. Се земале предвид и направените штети од болести или од напад на волци, заклани јагнињa за исхрана на овчарите и сл. Постоела и друга спогодба во која овчарите се исплаќале парично, а сопствениците го добивале целиот *мрс*.

[1048] Архива на Љупчо Момировски, историчар од Тетово, ракопис на Симо Момировски, адвокат и истакнат општествен работник од Тетово.

[1049] Глас Полога, Тетово, бр. 230, 21. 08. 1937, 3.

[1050] Глигор Тодоровски, Сточарството . . . , цит. дело, 53.

до една петтина од дотогашното[1051]. Покрај големите проблеми со границите и царините, односот на на грчките власти спрема сточарите од Македонија, бил таков што понатамошното користење на зимските пасишта во Солунско станало неподнослив[1052].

Околу *Благовести* (Благоец) ја изведувале стоката на планина, а околу *Петковден* ја симнуваат стоката од планина. Тогаш се гледале големи стада како се движат низ планината и полето, а поминувале и низ градот, наречени *буљуци* овци со неколку натоварени коли, кои носат *опрема*, *бакрач* на чиј врат клопотаат звонци *прапорци*.

Бачилата на Шар Планина во Тетовско се наоѓале големите пасишта на пределите од 1200 до над 2500 м. надморска височинана масивите Џинибег, Рогопеч, Кобилица, Језерци, Плоча, Љуботен, Бабаасаница и др. места. Најголемите бачила биле на Џинибег во сопственост на Џеладин Ќаја, на Рогопеч, семејството Грнчаровски и т.н., а на Вакув се наоѓало стадото на Крушевчанецот Ќаја Ташко Дабижа, кое броело околу 10.000 овци[1053]. Покрај вообичаените бачила на Шар Планина, постоеле и т.н. подвижни бачила. Дрвена колиба прицврстена на големи дрвени санки кои со влечна стока се преместувале, каде што имало повеќе трева. При таа прилика се расклопувало и трлото. Такви подвижни колиби наречени *шиндралии* ги имало најмногу околу селата Старо Село, Рогачево, Орашје, Горанце и др[1054].

Во триесеттите години на 20. век, Тетово извезувало на скопскиот и солунскиот пазар околу 12.000 јагниња, но и на домашниот, тетовски пазар се продавале по неколку илјади. Добар приход носеле и овчата кожа и волна. Во тие години кожата почнала да се извезува во Германија[1055]. Овчата маст во големи количини ја користело домашното муслиманско население.

Сточарите на Шар Планина, произведувале едно познато т.н. *Шарско сирење*, од дваесеттите години вкусниот *Шарпланински кашкавал*, кој се извезувал во Солун[1056]. Преку зима главните *ќајлари* со своите стада се селеле во Овче-поле, Солунско поле и Гевгелиско поле. Тогаш, се сметало дека високиот квалитет на овие млечни производи се должи на сочната трева и начинот на обработката на млекото[1057]. Сточарството обезбедувало и завидни количини на кожа и волна кои се преработувале во градот, но дел од волната одел и за извоз. Во 1935

[1051] Македонскинаученинститут, Македония катоприродноистопанскоцяло, София, 1945, 171.
[1052] Глигор Тодоровски, Сточарството . . . , цит. дело, 53.
[1053] Боро Јосифовиќ, Највеќи пашњак Шар Планина лиферује кашкаваљ Америци и Египту, Време, Београд, 26. 09. 1939, 7.
[1054] Истото, 117
[1055] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 45.
[1056] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје . . . , цит. фонд, 119; Бора Јосифовиќ, Израда Качкаваља на бачијама Шар Планине, Глас Југа, Скопље, 17. 11. 1934, 5.
[1057] Петров Г., *Тетовската кааза,* Материали по изучуването на Македония, София, 1896, 414.

година, бројот на овците во тетовскиот крај изнесувал 94.026[1058]. Во април 1937 година во Тетово е основана *Овчарска селекциона станица*[1059]. Нејзината примарна задача била обезбедување на квалитени видови на овци со вкрстување за да се создадат најсоодветни типови за поедини правци на искористување во поглед на ранозрелоста, товност, млечност, плодност и квалитетот на волната[1060].

Се одгледувале покрај овци и кози, свињи и крупни говеда. Во 1926 година, во градот секој трет граѓанин имал по една крава или биволица. Драго Грнчаровски (Грнчар) е првиот тетовчанец кој вовел модерно шталско одгледување на крави на својот имот во атарот на с. Сараќино. Тој како поранешен печалбар од САД, својот капитал најмногу го вложил во сточарството, односно тој купил голем имот на кој изградил и модерна фарма за сортни крави и бил најголемиот производител на кравско млеко. Храната за кравите ја обезбедувал со нејзино производство на својот имот и со откуп од други производители. По Втората светска војна, целукупниот имот на неговото стопанство бил конфискуван од државата. Во моментот на конфискацијата од живата стока биле одземени: 5 волови, 2 биволи, 11 крави, 2 јуници, 2 кобили и 2 магарињa[1061].

Свињите не биле од некоја позната сорта, туку автохтони, кои во тетовско ги нарекувале *диви свињи,* кои не биле диви но така ги нарекувале, поради тоа што биле не пристапни и со долгнавести тела. Во дваесеттите години овие свињи ги мешале со познати сорти свињи, *Јоркшир и Бекшир,* кои ги набавувале од Шумадија, Србија[1062]. За прасето се велело дека е *шпаркаса*, затоа што се што требало да се фрли, прасето го јадело. За божиќ кога ќе се заколела свиња, веднаш ново прасе се тови – *Едно заколи – друго затвори*[1063].

Покрај овчарството и свињарството, во Тетово продолжило одгледувањето на кози[1064], кои кон крајот на педесеттите и шеесеттите години од 20. век, со политичка одлука, се забранети за одгледување, како штетни за шумата, што како констатација научно не била издржана а предизвикала реални штети за населението кое ги одгледувало козите.

[1058] Јаким Синадиноски, Некои општествено-економски . . . цит. дело, 85..
[1059] Глас Полога, Тетово, Основање овчарске селекционе станице у Тетову, бр. 211, 10. 04. 1937, 1.
[1060] С. М. Милосављевић, БачијањенаШарпланини, ГСНД, Скопље, 1928, 209 - 236.Сточарски термини од Тетово и Тетовско: *бачило, ортаци, ќаја, бач, фичор, котарџија, сулакџија, одаџија, чобани, тулум, бакардан, тава, куп-тава, матеница, бунгур, обори, штрога, ѕира, мазене, брливос, сипаница, барабаш и др.*
[1061] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 57, Околиски народен одбор Тетово, Записник за конфискација, бр. 279, 13. 10. 1945.
[1062] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје . . . , цит. фонд, 117, 118.
[1063] Драго Симовски . . . цит. извор, (23. 10 2006):*Рисјаните чуаја по две три козе, а тија шо имаја ниве, чуаја краве, на пример бакалот Нофо Сунџиш и Трајан кметот. Краве и биолице имаја Турџите, а се собираја кај саат кулата. Тија што имаја козе на пример Ѓиго Гапо, кој имаше 20 – 30 козе ги носеше на напасување на Стрмол.*
[1064] Глас Полога, Тетово, бр. 211, 10. 04. 1937, 3.

На местото на големиот имот на Земјоделското училиште, сè до неговата изградба, се наоѓала градската јурија, односно градско пасиште наречено *Кьукоо* по турски и *Девојкино поле* по македонски. Таму се напасувале говедата од градот[1065]. Се до крајот на четриесеттите години, на крајот од маалото *Поток*, над денешните православни гробишта се наоѓале трла: на Грнчаровци, на Драго Гигов Зафировски и др. Во овие трла се чувале овците од тетовските семејства кои се занимавале со овчарство. Овие овци паселе на *Стрмол* а на местото на денешните гробишта, во турскиот период било полања со поток. Тука овците се колеле за пастрма и др[1066]. *Стрмол* било пасиште за кози и тетовските семејства пазареле еден козар кој ги водел козите на ова пасиште, односно на ова брдо имало и многу грмушки за брстење[1067].Во почетокот на педесеттите години од 20. век, се уште во Тетово имало граѓани што чувале стока[1068]. Богатата понуда на производи и суровини од сточарството од Тетово се извезувале на Балканскиот Полуостров, преку Солун, за Цариград и Александрија а преку Скадар за Австрија[1069].

Живинарството во Тетово и Тетовско, како и во цела Македонија, не било развиено, поради голем недостаток на храна, односно житни култури и пченка[1070], која недостасувала за прехрана ниту на луѓето. Кокошките, мисирките, гуските и патките не биле доволни ниту за домашни потреби на домаќинствата. Сепак на градскиот пазар во Тетово на пазарните денови, можело да се најде за продажба од овие домашни пернати животни.

3.3.5 П Ч Е Л А Р С Т В О (тет. - трмкари)

Во османлискиот период, во Тетово и Тетовско и покрај извонредните климатски и природни услови за одгледување на пчели (тет. - трмќе), производството на мед и други пчелни производи било примитивно и минорно[1071]. Медот, кој се произведувал во Тетово, зависно од пашата на пчелите, бил различен по вкус и боја. Најчесто се среќавале мед од костенов цвет, багрем, ливадски и од цветот на липата, кој во Тетовско го нарекувале *липоец*[1072].

Пчеларството и во периодот меѓу двете светски војни, не било многу развиено во Долни Полог, но во секое село можело да се сретне по некоја кошница со пчели. Најмногу

[1065] Драго Симовски . . . цит. извор, 07.12.2005.
[1066] Истото, 24. 08. 2006.
[1067] Истото, 25. 09. 2008.
[1068] ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија) Аритон Усепјанов . . . , цит. фонд, (таб. 51/1); (таб. 51/9). Студијата од 1953 година покажува дека во атарот како и во самиот град Тетово се евидентирани 97 биволи, 120 волови, 890 крави, 257 јунци, 369 телиња, 11 мазги и магарињa и 624 кози, 3262 овци и 189зајаци.
[1069] Мил. Р. Гавриловић, Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопље, 1931, 8.
[1070] Глигор Тодоровски, Сточарството . . . , цит. дело, 54.
[1071] Истото, 64.
[1072] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 129.

пчели се одгледувале во с. Отуње во родот Цукљовци[1073]. Сепак во триесеттите години на 20. век производството на пчелини производи се зголемило. Во јули 1937 година, во Тетово е одржан пчеларски курс, на кој присуствувале 30 пчелари од Полог. Курсот го водел инжинерот по агрономија Миленко Милошов, кој покрај курсот, ги посетил и тетовските пчелари каде што на лице место им давал инструкции за подобрување на дејноста[1074]. Како пчелари во Тетово пред Втората светска војна се воделе: Апостоловски Павле и др.

Во педесеттите години на 20 век во Тетово се евидентирани 587 пчелини семејства, од кои 375 во сандаци и 212 кошари[1075].

3.3.6 ЛОЗАРСТВО

Лозарството во Тетово имало долга традиција. Лозјата се простирале на местото викано *Купеник* меѓу Тетово и с. Гајре, на ридот *Балтепе* меѓу градот и с. Лавце, месноста *Чардак* блиску до с. Порој и месноста *Дреноец* на возвишението *Стрмол*, сите на подножјето на Шара, ипо некое лозје во *Кљуково* или *Девојкино Поле* во рамнината[1076]. На наброените јужни падини на Шар Планина постоеле добри услови за одгледување на винова лоза. Околу 70% од лозјата биле во рацете на Македонците од градот. Најмногу се одгледувале винските сорти на грозје. Лозата цвета подоцна од другите краишта па затоа и бербата се одвивала во октомври, пред самиот почеток на дождовната сезона. Годишно се собирало околу 4.000 до 6.000 товари грозје. Виното од ова грозје било *тенко* но вкусно и ги задоволувало потребите на градот.

Во историските извори, одгледувањето на грозје во Тетово (Ктаетово) се споменува во еден документ од 1216 година[1077].Ами Буе, уште во триесеттите години на 19. век, тетовското црвено вино го оценил како високо квалитетно и тоа меѓу најквалитетните во европска Турција, и го издвојува од другите реони заедно со Сјатиста и Костур, Скадар и некои места во Србија, со коментар дека *нивните жители не се свесни, какво богатство поседуваат, бидејќи овој производ може да биде извезен и да го задоволи вкусот на северните палати*[1078]. Благото и жолтеникаво вино кое се произведувало во Тетово, а кое Ами Буе го пиел заедно со

[1073] ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 120, 129; Јов. Ф. Трифуноски, Македонски родови во Полог со потекло од Албанија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 5, Скопје, 1952, 7.
[1074] Ј. Б. Пчеларски течај у Тетову, Глас Полога, Тетово, 17. 07. 1937, 1; Истото, 24. 07. 1937, 2.
[1075] ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија) Аритон Усепјанов . . . , (таб. 51/9).
[1076] ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 113. Серафимовь Л., Тетовско и дъйцить по вжзрожданието му, Пловдивь, 1900, 6 - 8
[1077] Валериј Софрониевски, Бобан Петровски, Синодалниот акт No. 94 од збирката на Хоматијан како извор за историјата на Полог, Историја, Скопје, 2005, бр. 1 – 2, 23 – 25, 37. Во почетокот на 13. век, лозовите насади биле повеќе ценети од другите земјоделски култури.
[1078] Снежана Станинска Поповска, Ами Буе . . . цит. дело, 106 - 107.

Абдураман Паша, било наречено *Харем Шараб* (Harem Shcarab), а по вкус наликувало на некои унгарски сорти[1079].

Традиционалната стара лоза по Првата светска војна започнала полека да отстапува место на нови сорти. Најголем удар врз старите видови лози се случил во 1930 година, кога цела Македонија била зафатена со болеста филоксера[1080]. Исто така, обновувањето на старите и подигањето на нови лозови насади на т.н. американска подлога, иако барале поголеми вложувања, тетовските семејства поради традиционалната склоност за одгледување, го применувале[1081].

Обновувањето и подигањето го помагале и Земјоделскиот расадник и Земјоделскиот техникум. Во триесеттите години, и во следните две децении во тетовските лозја се одгледувале неколку традиционални и увезени сорти: *саричибук* или *лисичино*, *мискец* (бел и црн), *отело* (бело и црно), *дренка*, Овие стари сорти на грозје не се прскале со заштитни средства, но по засадувањето на новите сорти во Тетово во триесеттите години како што биле *нишка*, или *американско* (околу 1925г.), *смедеревка*, *вранец*, *хамбург*, *кралев дрењак* и други започнало редовно прскање[1082].

Во октомври 1938 година во Тетово е основана Лозаро – винарска задруга[1083]. Оваа задруга е формирана по иницијатива на Матовиќ Крунислав, наставник во земјоделското училиште и во соработка на Друштвото *Аграрна Мисла* и претседателот Спиро Симиќ. На собранието учествувале 24 лозари и овоштари од градот.

Во педесеттите години од 20. век, лозовите насади, според нивната сорта биле застапени на следните површини: стара лоза на 5,5 ха., лози на американска подлога 126, 2 ха. и хибридни сорти на 6 ха[1084]. Оваа статистика покажува дека старата лоза го отстапила местото на поновите сорти грозје и на новиот начин на одгледување, кој започнал уште во дваесеттите година на 20. век.

3.3.7 ШУМАРСТВО

Шумарството било слабо развиено иакокрајот бил богат со шуми[1085].Даските на костеновото дрво се откупувале и се продавале на фабрика за мебел во Лесковац. Градот Тетово се снабдувал со огревно дрво од планинските села каде што речиси единствено занимање им било сечата и продажбата на ваквото дрво: Вешала, Вејце, Селце, Шипковица, Гајре и Лисец. Долгогодишните експлоатации на блиските планински предели на Шар

[1079] Истото, 107.
[1080] Роза Ристоска, Земјоделско училиште Тетово, 1928 - 1968, Тетово, 1988, 13.
[1081] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 42.
[1082] Драго Симовски . . . цит. извор, 28. 09. 2007; 29. 10. 2007.
[1083] Глас Полога, Тетово, 01. 10. 1938, 3; Истото, Винарска задруга у Тетову, бр. 289, 08. 10. 1938, 3.
[1084] ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија) Аритон Усепјанов . . . цит. фонд, (таб.48/1)
[1085] ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 120.

Планина придонеле да се појават големи голини. Затоа уште во 1912/13 година во Тетово бил формиран Шумски расадник и Шумска управа која се грижела за контролирана сеча на шумите во овој регион[1086]. Околискиот (срески) шумски расадник, создавање терен за тие активности. Поради војните, првите пошумувања во Тетово се извеле во 1924 година по долината на реката Пена, а поинтензивни пошумувања имало од 1929 година па до средината на триесеттите години. Вкупниот број на садници, произведени во Шумскиот расадник, кои биле засадени изнесувал околу 1.000.000[1087].

Со јаглен градот се обезбедувал од селата Гургурница, Седларево др. кои се наоѓале на планината Сува Гора[1088].

3.3.8 ЛОВ И РИБОЛОВ

Ловот во Тетово и тетовско бил релативно развиен. Во турскиот период, ловот бил поврзан со задоволствата на тетовските паши и бегови, додека по 1912 година ловот претставувал и извесен извор на заработувачка, затоа што и во планината и во полето се ловел дивеч како што се зајаци, срни, диви кози, диви свињи, мечки, лисици, волци, видри, куни, различен пернат дивеч и сл., а во овој период забележано е дека од Тетово се извезувале 150 крзна од лисица, 20 до 30 крзна од волци, 30 крзна од видри и 50 крзна од куни[1089].

Рибарството е придружна дејност во Полог. На шарските реки и во Вардар, населението ловело риби за свои домашни потреби а многу ретко и за продажба во градот. Најважна риба е пастрмката *мрјанка*, потоа *кркушката, белвицата* и *клен*[1090]. Рибата во тетовските реки ја имало во изобилство, била многу фкусна и често се ловела и со отровни билки, што предизвикувало уништување на рибниот фонд[1091].

3.3.9 СВИЛАРСТВО (бубарство)

Во средината на 19. век, трговецот, Хаџи Серафиљ, во Бурса носел *семе за свилена буба*, која се одгледувала во Тетово и била од добар квалитет[1092]. Одгледувањето на свилените буби, за потребите за производство на свила, во Тетово било најразвиено во втората половина

[1086] Бора Јосифовић, Пошумљавање голети и хитно осигурање од бујица у Пологу, Вардар, Скопље, 1934, 1 – 2.
[1087] Истото; Б. Јосифовић, Потреба пошумљивања голети и хитно осигурање од бујица у Пологу, Глас Југа, Скопље, 07. 12. 1940, 2.
[1088] ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 120.
[1089] Миливој М. Савић, Извештај инспектора . . . цит. дело, 133.
[1090] ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 134.
[1091] ЛСерафимовь., *Тетовско и дъйцитъ по вжзражданието му,* Пловдивь, 1900, 13.
[1092] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозофски факултет . . . цит. фонд, 1/491. О Тетову и тетовцима.

на 19 век. Дури во седумдесеттите години на тој век од Бурса доаѓале во Тетово француски трговци за да купуваат *пашкули,* кожурки на свилените буби[1093].

Во периодот меѓу двете светски војни одгледувањето на бубите било инцидентно и за домашни потреби.Едно од ретките одгледувачи било семејството на Јован Петровски Шише и најмногу неговата жена Перса која одгледувала свилени буби на црниците кои ги имале во дворот на семејната куќа. Семејството користело една просторија, во близина на денешниот објект на полицијата каде што ги хранеле свилените буби со листот на црница. Свилената буба се одгледувала речиси во сите подгорски села во Полог. Кожурката на свилената буба ретко се вадела во село и најчесто се продавала во град. Негувањето на свилените буби се нарекувало *ранимо бубе*[1094]. Во Тетово и во периодот меѓу двете светски војни, речиси немало двор кај што немало барем по една црница, како остаток од некогашното одгледување на свилените буби. Во месноста Дреноец, постоела т.н. *Јошеа Корија*, каде се одгледувала црницата[1095].

3.4 ПЕЧАЛБАРСТВО

Печалбарството, претставувал мошне значајна стопанска гранка за градот Тетово која му носела значителни приходи. Печалбарството е појава која меѓу другото е предизвикана и од економските состојби во еден регион, но печалбарството игра важна улога во економијата во истиот регионот.

Одењето на печалба, во Полог, било мошне честа и масовна појава. Еден од доказите за долгата традиција на печалбарството биле и востановените традиции кои се изведувале при тргнувањето на печалбарите, нивната комуниикација со родниот крај, како и традициите при враќањето, односно нивното пречекување[1096].

Постоеле повеќе причини за појава на печалбарството:Уништувањето на сточарството и големите и континуирани насилства од новодојдените Албанци[1097] во македонските села во Полог; Пренаселеност во градот , каде дошло до вишок на работна сила; и општата економска состојба на Османлиската империја.

Според едно истражување, печалбарството потекнува уште по завршетокот на Австро-турската војна од 1689 година[1098].Првите, досега пронајдени документи за печалбарството на поголеми групи од Тетово, не упатуваат во почетокот на 19. век. Уште во 1833 година во едно

[1093] Д. Мишајков, Македония . . . цит. дело, 37.
[1094] Николина Обадиќ (1932 -), пензионерка од Тетово.
[1095] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 01. 2007.
[1096] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 31.
[1097] Истото, 32; Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 19.
[1098] Мишајков Д., Македония . . . цит. дело, 40.

писмо на Кирил Пејчиновиќ споменува дека одел на *гурбетлук*[1099], турски термин за печалбарството, кој бил прифатен од македонското население. Во 1873 година во еден список на печалбари во Белград, биле евидентирани 16 луѓе од Тетово и сите работеле како меаниии[1100]. Во 1897 година, на еден список на печалбари од Македонија во тогашното Кралство Србија имало и 134 печалбари од Тетовската каза[1101]. Според занимањата кои ги работеле во Србија, од нив 31 работеле како пекари, 16 бозации, 14 меации и келнери, 10 месари, работеле и како пајтонции, млекари, ѕидари, бакали, слаткари, бичкиции, служители, маскари, општи работници и др[1102].

Воено-политичките настани на Балканот во 19. и 20. век, го потикнувале печалбарството и миграциите воопшто[1103]. Така по ослободувањето на Србија и Романија, голем број на печалбари од Тетово се упатиле во овие држави, како и во руските градови Одеса, Киев и Петроград, најчесто како пекари и бозации[1104]. Слично се случило и после 1878 година по завршувањето на т.н. Источна криза кога голем број на Македонци од Тетово се упатиле на печлаба и во Бугарија. По Илинденското востание во 1903 година, Америка станала новата дестинација на печалбарите од Тетово. Печалбарството најголеми размери зело во 1913 година, по Втората балканска војна. Во други подалечни земји на печалба оделе многу поретко, како што е примерот со Панде Ристовски кој во 20-тите и 30-тите години на 20. век бил на печалба во Аргентина[1105].

Најголемиот дел од печалбарите оделе на работа како сезонски работници во големите градски центри во рамките на османлиската држава а подоцна и во соседните новоослободени држави. Поаѓале на пролет а се враќале на доцна есен. Ако им успевале да најдат некоја постојана работа, тие останувале и по неколку години за да заработаат и заштедат што повеќе пари за дома. За подолг престој најмногу се одлучувале оние кои работеле во поодалечните земји, бидејќи и трошоците за транспорт се биле драстично поголеми. Се сметало дека на околу 90% од овие печалбари, семејствата им останувале во родниот крај. Печалбарите останувале од 2 до 6 години и кога се враќале дома останувале од 4 – 8 месеци[1106]. Ваквите печалбари често се враќале на печалба. Мошне ретко од овие печалбари стапувале во ортачки односи со тамошните луѓе. Постарите печалбари им помагале на новите , кои им биле роднини или пријатели, полесно да се вклопат во новата средина, а поуспешните од нив ги вработувале

[1099] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 259.
[1100] Истото.
[1101] ДАРМ, Скопје, Министарство иностраних послова Краљевине Србије, Просветно – политчко одељење, М-ф. Бр. 606, бр. 1967, 10. 06. 1897.
[1102] Истото.
[1103] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 40
[1104] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.
[1105] ДАРМ, Скопје, Фонд бр. 908, Уставен суд, 493/56.
[1106] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 259.

во своите фирми. Во еден напис од 1897 година во *Цариградски весник* се опишува состојбата на печалбарите од Тетово: *Немајќи сообраќај и никаква врска со железницата а поради преголемата населеност на народот, придонесоа, народот да оди во други места и земји за заработка. Најмногу ги има во Влашка и Србија а многу и во големите градови на нашата царевина. Главниот занает им е лебарството и бозаџилакот. Дома се враќаат зиме околу Божиќ.Но штом ќе дојде пролетта, пасошот и на пат*[1107]. Трговијата е добра. Има 5 – 7 дуќани сарафски а исто така и богати трговци кои ги добиваат своите стоки главно од Солун и Скопје а ретко од Цариград.

Печалбарите кои се враќале со поголем капитал, најчесто се населувале во Тетово. Со нив раснело градското население, се зголемувал капиталот во градот, но давале придонес во подобриот и модерен негов изглед[1108]. Интересно е сознанието дека натпреварувајќи се кој ќе направи поубава куќа на поатрактивно место во градот, градежните плацеви достигнале високи цени кои често биле посакапи и од оние во Белград[1109].

Најголема колонија на тетовски печалбари во рамките на Османлиското царство имало во Цариград, каде што најмногу работеле како бавчованџии (градинари) и пекари[1110], во Александрија, Ерусалим, Солун и др. градови. Според Селишчев[1111], во 1913 година, печалбари од Тетово и Полог имало најмногу во Бугарија, Србија и Романија а имало и во Русија и тоа најмногу како пекари, бозации, меанџии, месари, алвации и др.

Според едни истражувања[1112], од Тетово и околината до 1912 година, има околу 500 луѓе во САД, околу 10.000 луѓе во Романија, околу 2.000 луѓе во Бугарија, околу 500 луѓе во Русија но и повеќе илјади во Србија. Во САД, тетовчаните во почетокот најмногу оделе во градовите Сент Луис, Кливленд, Портланд и Детроит и тоа најмногу во фабрики, но имало и 10 пекари со своите пекарници. Во Романија работеле како пекари, бозации и шеќерџии во Букурешт, Констанца, Плоешти и др. места. Тоа истото го работеле и во Бугарија, во Софија, Русе, Пловдив, Варна. Во Србија работеле пекари, месари, меанџии, млекари ѕидари, пиљари и др. во Белград, Смедерево, Јагодина и др. места. Во Русија во Катариносла в и Одеса, најмногу оделе Албанците од селата Гајре и Лисец а помалку Македонци. Една цела тетовска колонија на печалбари работеле во Цариград. Меѓу нив имало семејства кои со пекарството се збогатиле

[1107] Шарпланинец, Тетово, 10 мај, Цариградски Гласник, бр. 17, 29. 05. 1897.
[1108] Милан Шантић, Печалбари су донели многе капитале у Јужној Србији, Политика, Београд, 06. 06. 1936, 7; Глас Полога, Тетово, бр. 151, Промене од ослобођења до данас, 15. 02. 1936, 4.
[1109] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 33.
[1110] Глигор Тодоровски, За состојбата на Македонците-печалбари и бегалци пред и по илинденското востание, Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, бр. 2-3, 316 – 318.
[1111] А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, Македонски научен институт, София, 1929, 18.
[1112] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 278 - 279.

и направиле голем капитал кој го донеле во Тетово после Балканските војни[1113]. Исто така една голема колонија на тетовчани во Цариград живееле од градинарство.

Печалбарите годишно во Тетово внесувале парични чекови во вредност од 25.000 (златни - Б.С.) наполеони. Покрај позајмувачите - менувачи кој во Тетово се нарекувале *сарафи*, добро профитирале и *саиџите*, односно печалбарските поштари, кои носеле од печалбарите, пари, писма и поситни подароци, за кои добро наплатувале. Таа сума достигнувала и до 25% од испратените пари.

Само 5% од печалбарите во турскиот период останувале во земјите каде што работеле, додека другите се враќале. Двете Балкански и Првата светска војна го прекинале овој процес, но истиот се обновил веднаш по нивното завршување во 1918 година. Големите економски рецесии во САД и западна Европа, ја намалила економската моќ на печалбарите а со тоа и помошта која од нив била испраќана до своите најблиски. Падот на печалбарските движења во почетокот на триесеттите години од година во година видно се намалувал. Сепак, процентот на мажите од Тетово кои оделе на печалба се уште бил голем, или кажано со други зборови, речиси секој трет возрасен маж во Полог а со тоа и во Тетово бил на печалба, односно еден десетина од целокупното население[1114]. И пописот од 1931 година го потврдува горниот факт односно дека бројот на машкото население е помал во однос на женското[1115]. Во рамките на тогашното Кралство Југославија, печалбарството во Тетово се одвивало со одењето на работа во тогашните поголеми индустриски центри како што се Белград и Загреб. Дејностите со кои тетовските печалбари се занимавале во периодот меѓу двете светски војни, најчесто биле: ситни крупни претприемачи, бојаџии, продавачи, пекари, ресторанџии, млекари, кафеџии, трговци и се повеќе индустриски работници, пред се во САД.

Печалбарството во Тетово оставило мошне големи траги и влијаело врз повеќе сегменти на животот во градот: демографијата, економската положба на градот и на Македонците во него, на културните навики и пренесувањето на западните вредности во севкупниот живот во домовите и во градот.

Досегашните познати факти укажуваат дека печалбарите од Тетово одиграле важна улога во животот на Тетово. Освен нивното учество во внесувањето на значајни парични и материјални средства во Тетово, тие се среќаваат и како пренесувачи на пари и писма, донатори за изградба на цркви, црковни книги, икони, реликвии и одежди, носеле нови навики на живеење во облекувањето, уредувањето на домовите, организирањето во разни културни и спортски клубови и иницијативи. Во САД дејствувало Тетовско спомагателно друштво *Шар*

[1113] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 140.
[1114] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 34 - 35.
[1115] Definitivni rezultati popisa stanovništva IV, Sarajevo, 1931, 266 – 267 и 270 – 271.

Планина. Целта на ваквите друштва била да ја зачуваат македонската национална култура, собирање материјална помош на социјално загрозените Македонци во Америка, како и издвојување на метријална помош на родниот крај[1116]. Оставале добар впечаток во земјите каде што работеле, и мошне активно учествувале како доброволци или финансиски ги помагале ослободителните востанија на Балканот, како во Србија и Бугарија, така и во македонските востанија, пред се Кресненското и Илинденското востание. Печалбарите активно учествувале како доброволци за протерувањето на османлиските власти од Македонија за време на Балканските војни, залудно надевајќи се дека нивната татковина конечно ќе биде ослободена. За време на Втората светска војна, тетовските печалбари биле организирани во посебни организации за материјална помош на антифашистичкото движење, а веднаш по нејзиниот завршеток, тие донеле значајна материјална помош за сиромасите, тетовските училишта и ученици.

Печалбарите со себе донеле нови животни и потрошувачки навики, но и нови работни искуства. Така, уште во првата половина на 19. век, двајца браќа од Тетово, од кои едниот е подоцнежниот тетовски поп Дањо, отишле на печалба во Влашко, денешна Романија. Кога се вратиле некаде пред 1862 година, се преселиле во Скопје. Таа година ја направиле првата печка од плех за тамошното училиште, кај соборната црква *Св. Богородица.* Овие браќа продолжиле да работаат со својот лимарски занает. По смрта на неговиот брат, Дањо бил ракоположен за свештеник во родниот град Тетово, поради неговата писменост. Тој уште во 1845 година во Тетово ја донел првата бронзена печка и првата ламба од Бруса. Синот на Миљо, Хаџи Серафим Миљовиќ, истиот донел класичен кревет во 1895 година, за свадбата на својот син од Солун, првите чевли ги купил во Трст и т.н[1117]. Семејството Штаклевци, кое имало свои печалбари во Ерусалим, посебно трговецот Г. Штакле[1118] биле големи донатори за градот Тетово. Посебно се истакнале во донирањето за изградба на тетовската соборна црква *Св. Кирил и Методиј*, каде што освен големи парични средства донирале и мошне вредни икони, книги и други црковни и свештени реквизити. Покрај овие карактеристики, Штаклевци се истакнале и со својата гостопримливост на многуте тетовчани кои оделе во Ерусалим на аџилак, со несебичната материјална помош на сиромашните сограѓани и подароците и донациите за тетовските цркви, како што се иконите, одеждите, сребрените потпирачи, евангелија и други вредни предмети[1119]. Како донатор познат е и Зарија Петрев Ѓорев

[1116] Миле Михајлов, Михајло Георгиевски, Политичката активност на Македонскиот народен сојуз во САД и Канада од 1928 до 1935 година, Гласник, ИНИ, Скопје, 1971, бр.1, 110. К.Н. Забава са драмском претставом у организации Тетовског потпорног друштва *Шар Планина* у Детроиту, Глас Пологa, Тетово, 07. и 11. 01, 1936.
[1117] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозофски Факултет, Скопје, Радомир Богојевиќ . . .О Тетову цит. док.
[1118] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 259.
[1119] Л. Серафимовь, Тетовско и дъйцитъ по възраждането му, Пловдивь, 1900, 18.

Page 209

Пожаранец[1120]. Некои печалбари од Тетово или нивните деца, станале угледни и почитувани граѓани на градовите каде што работеле и твореле. Такви примери биле Душан и Илија Стојановиќ, кои станале едни од најугледните граѓани на Панчево, Србија[1121], а од Тетово како сирачиња од починатите родители Стојан и Мара Ратојчина на 10 и 7 годишна возраст заминале со други печалбари во Романија. Тие со заработените пари од печалбата во Романија отвориле голема продавница, кафеана, познатиот хотел *Златан Праг*, и мошне активно учествувале во општествениот живот на градот[1122].

Печалбарскиот живот отсекогаш бил тежок, па затоа печалбарите знаеле да ја ценат секоја спечалена пара. Повеќето од нив, пред да заминат на печалба се задолжувале кај лихварите со високи камати, за да ги обезбедат своите семејства со основни потреби[1123]. Многу од нив мошне рано, уште од мали нозе, оделе на печалба но најчесто после женидбата. Некои успеале да заработаат многу пари и по нивното враќање во татковината својот капитал го вложувале во нови куќи, големи земјишни поседи, а отворале и нови дуќани. Но некои печалбари не успеале во своите намери па не заработиле пари ниту за враќање дома, но и да можеле тоа да го направат тие од срам останувале во туѓите земји. Постоеле и големи ризици на долгите патувања, од ограбувања, убиства, бродоломи и др.

Ништо полесно не им било и на печалбарските жени, кои осамени, морале сами да ги подигаат своите деца, да го одржуваат домот, а биле прилично изолирани од јавниот живот поради моралните санкции на конзервативната средина. Во печалбарските семејства, се живеело од испратените пари од странство[1124] или се задолжувале кај лихварите[1125].

Сепак, многу печалбари се вратиле дома со капитал и успешно продолжиле да работаат и живеат во родниот крај[1126]. Најголемиот број од нив се вратиле во периодот меѓу двете Светски војни и во првите години по Втората светска војна. Тие во Тетово добивале прекари, според државите или градовите во кои работеле и печалеле.Оние кои работеле во САД ги викале *Американлии*[1127].Печалбарите кои работеле во Египет, ги нарекувале *Скендерлии*,

---

[1120] ДАРМ, Тетово,ф. Бр., ?, Зарија Петрев Ѓорев, АК-1.
[1121] Глас Полога, Тетово, Душан и Илија Стојановиќ – два најугледнија панчевачка жителја, бр. 196, 26. 12. 1936, 4.
[1122] Истото.
[1123] Тетово и Тетовско . . . цит. Дело, 263.
[1124] Наталија Нада Симјанова, (1908 – 2006), домаќинка од Тетово, изјава 01.02.2006. лична архива Б.С; Никола Јовановски, (1934 -), пензионер од Тетово, изјава 25.10.2005, лична архива Б.С.
[1125] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981, 140.
[1126] Глас Полога, Тетово, Промене Тетова од ослободѓења до данас, бр. 348, 25. 11. 1939, 1.
[1127] Томче Цуро, Мато Ристоски, Тоде Аврамовски Рудиче, Аце Апостолски Пишман, Младен Чанак, Димко Чанак, Михајло Мојсоски, Борис и Драго Грнчар, Јован Хаџи Ристиќ, Никола Ќурап, Јоше Газдиче, Спиро Сампиљ, Томо Јоргуш, Сане Јајчар, Гаврило Гогуш, Владо Триштик, Стојче Стаматоски, Стојан Стојкоски, Славко К. Ѓеровски, Томо Серафимовски, Стеван Ѓорѓевски, Атанас, Кузе и Алексо Тодорови – Брезјанини,Нико Симовски, Стојче Трпчески, Тодор Костоски, Илија Стојаноски, Сане Гогоски, (Сане Ципела), Томо Стевоски, Михаил Мојсоски, Мато Максимовски, Зако Милошески, Пано

според турскиот и арапски назив на градот, Александрија, Скендерија[1128].Луѓето кои печалеле во Романија, ги вакеле *Румунлии*[1129]. Во Романија се исселувале и цели семејства, каков што е случајот со семејството на Илија Стојановски[1130].Печалбарите од Истанбул се познати како *Станбоулии*[1131]. Во склопот на Османлиското царство, освен во Истанбул и Александрија (ден. Египет), оделе во Солун, Ерусалим (Ден. Израел)[1132] и на други места, во Бугарија во повеќе градови: Софија, Пловдив, Русе, потоа во Србија во Белград, Смедерево, Крагујевац и т.н.

Печалбарите се занимавале со разни дејности, а најчесто биле пекари, млекари, гостилничари, бозации, градинари и физички работници. Но не е мал бројот кои со текот на

Подлеса, Тодор Георгиевски и Перса Георгиевска, Душан Бурило, Нико Јогун, Сане Глигуровски, Гаврил Ќурап и Павлина Ќурап, Јован Бурило, Јован Галовски, Иле Галовски, Марко Костовски и Зора Костовска, Томо Илевски, Милан Стојановски, Кузе Томовски, Јован Марковски и Евдокија Марковска, Захарие Настовски, Диме Трповски, Мара Трповска, Александар Ристовски, Кузе Ќурап, Никола Томовски, Илија Томовски, Јован Ановски, Крсто Дабинчевски, Петар Ристовски и Грозда Ристовска, Гавро Митрушевски, Славе Јовановски, Крсто Петрушевски и Дилба Петрушевска, Спиро Мартиновски, Глигор Спасовски, Евдо Спасовски, Тодор Спасовски, Крсто Божиновски, Тодор Ановски, Коце Јовановски, Атанас Димитровски, Вељко Христиќ и мн. др. (Последните 43 имиња се членови на Тетовското спомагателно друштво од Детроит, Шар Планина. (Глас Полога, Тетово, бр. 110 – 111, Наши у Америци, 11. 05. 1935, 2)). По Втората светска војна, во бранот на враќање од печалба се вратиле повеќе печалбари со семејствата или сами: Томо Серафимовски, Трпе Јовановски, Лазар Аврамовски со семејството, Кузман Трајковски со семејството, Драго Трајковски, Јован Т. Павловски со семејството, Методија Јовановски со семејството, Диме Јовановски со семејството, Тодор Столевски, Михајло Мојсовски, Нико Апостолски, Ќирко Спироски со семејството, Тоде Рудиче, Зако Настоски, Мато Ристоски, Јован Гавриловски, Ангеле Крстевски, Тодор Јовановски, Гашо Јовановски со семејството, Смиљан Симовски со семејството, Ристо Петровски, Томо Јоргушевски, Спиро Крстовски, Сане Ристовски, Диме Спироски, Илија Александровски, Тодор Петрушевски, Душан Симоски, Нојо Симоски, Петар Ановски, Томо Васовски, Смиле Јовановски и др.(ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16, 176 / 793 – 808).

[1128] Скендерлии: семејствата на Карини, Ќурапои, Исаевски (Гошо, Паскал, Славе, и Ацо), Ѓоце Нацески, Мето Ристоски, Душко Чанак, Драги и Раде Шанфрик, браќата Диме и Мето Јовановски Жаб'рдак, семејството Петровски (од поп Петре) Стефко и Зарко Грнчар, Александар Гоговски, Александар Сане Ристовски и др. Само еден од скендерлиите добил посебен прекар, Мето Африка. Некои од скендерлиите се вратиле со своите семејства во Тетово кон крајот на 40-тите и почетокот на 50-тите години: Смиљан Симовски, Спиро Крстовски, Ангеле Крстовски, Симо Крстовски, Васо Јанески, Гашо Јованоски, Ристо Јосифовски, Ќирко Стаматовски, Јован Стаматовски, Томо Серафимовски, Лазо Аврамовски, Стеван Лазовски, Јован Павловски, Киро Спировски, Кузе Трајкоски, Драго Трајковски, Димко Спировски, Блажо Зафировски, Трпче Јовановски и др. (ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК – 14, 46 – 68/ 273 – 374)

[1129] Истото.Румунлии:Цинлевци (Мито, Ѓоре, Јован, Симо, Петре), Симо Мојсиќ, Михаил Евросимовски, Сане Васоски, Ѓорче Бачоски, Ацо и Михаил Терзиини, Јошко Настоски Моне,Томо Тренда, Томо и Сандре Румунлии, Софро Јакимовски, Борис Миновски, Ецо и Дафит Ѓорѓевски, Бранко Кузмановски Танто, Перо Петроски, Ѓорѓи Савоски, Благоја Кочоски, Раде Јанковски,Нестор Никодиновски, Гого Михајловски и многу други.

[1130] ДАРМ, Одд. Тетово, Збирка на матични книги и домовници, Х/84, Домовница од 1921 година, ред. бр. 2185.

[1131] Стамбоулии: Васо Лефтер, Паша Марко со синовите Јован и Михајло Марковски, Живко и Ќирко Стамбоулии, Заре, Мате и Танче Петревски и др.

[1132] Климент Џамбазовски, Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, Том четврти, книга прва, (1879 – 1885), Београд, 1985, 147 – 148.Во 60-тите години на 19. век, неколку семејства од Тетово се преселиле во Ерусалим, каде што, меѓу нив, браќата Штаклеви биле најуспешни и стекнале големо богатство и углед во тој град. Како сопственици на фурни, фабрики за брашно, продавници, куќи и друг движен и недвижен имот. Во еден документ се споменуваат и имињата на Василије Трипоновиќ и браќата Серафим и Ѓерасим Ѓорѓевиќ кои во Ерусалим се преселиле уште во 70 –тите години на 19. век.

годините успеале со вредна работа и квалитет да се стекнат со углед и имот во овие странски градови. Добрата имотна состојба и угледот кој го стекнале во тие средини придонеле многу од нив да останат за секогаш таму. Со тоа, врските со родниот крај не згаснувале, туку, истите тие веќе биле во можност да примаат нови работници од родниот крај, а нивните деца ги школувале и многумина од нив завршиле високи школи.

Со своите резултати на тие врвни институции, некои од тетовчаните дале свој придонес во науката на тие држави, и изградиле свои успешни кариери. Такви се: Прим. Д-р. Наум, кој работел како професор по педијатрија на Медицинскиот факултет во Букурешт. Проф. Д-р. Никола Миновиќ бил професор по судска медицина во Клуж и професор на Букурештанскиот универзитет. Академик Проф. Д-р. Мина Миновиќ бил роден на 20. 07. 1858 година во Тетово. Уживал глас на светски научник и стручњак по судска медицина. Поради тие резултати станал академик на Романската академија.

Тетовските печалбари во САД, Романија, Бугарија и Србија имале свои здруженија, преку кои ги негувале традициите и врските со родниот крај. Освен тоа тие често организирале добротворни акции за помош на сиромашните сограѓани во родниот крај[1133]. Со оглед на интензивните врски, во 1940 година бил изготвен план за подигање на *Иселенички дом* во Тетово, но изградбата не започнала поради Втората светска војна.

Тетовчаните свој значаен придонес дале и како членови на студентски и печалбарски здруженија во странство, кои се бореле за македонската национална кауза, како македонска интелегенција и како револуционери. Меѓу двете светски војни во САД, меѓу другите постоело и Тетовското спомагателно друштво *Шар Планина*[1134]. Во 1939 година во Белград било основано Здружение на Тетовчаните. На основачкото собрание присуствувале околу 600 тетовчани од Белград[1135]. Печалбарите од Тетово во првата половина на 20. век имаат значајна улога во економскиот развој на градот поради две главни причини: нивната силна поврзаност со родниот крај и нивниот голем број[1136].

[1133] Рада Јоргушевска (1927 – 2010), пензионер од Тетово, изјава 26. 10. 2005, лична архива, Б.С; Душко Аврамовски Рудиче, пензионер од Тетово, изјава 1998, лична архива, Б.С.

[1134] Миле Михајлов, Михајло Георгиевски, Политичката активност на Македонскиот народен сојуз во САД и Канада од 1928 до 1935 година, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1971, 109.

[1135] Глас Полога, Тетово, бр. 315 – 316, 08 и 15. 04. 1939, 3. Претседател на здружението бил Коста Тасиќ, Потпретседател Петар Хаци Галиќ, членови – Димитрије Ристиќ, Тодор Богдановиќ, Благоје Васиќ, Софронје Илиќ, и Мита Димовиќ, секретар Лазар Буневиќ; Истото, Правила удружења Тетоваца у Београду, 1939, бр. 325, 17. 06. 1939, 3.

[1136] Други печалбари: Васил Аврамовски, Ѓоре Аврамовски, Никола А. Аврамовски, Тоде Н. Аврамовски, Лазо Н. Аврамовски, Трпе Т. Атанасовски, Стевче Ѓ. Анѓелковски, Иљо Анѓелковски, Андро Анѓелковски, Тевдо Антевски, Гого Ацевски, Тодор Ананиевски, Глигур Алексоски, Миле Андревски, Томо Апостоловски, Александар Арсовски, Лазар Арсовски, Пано Апостоловски, Томо Апостоловски, Велјан Блажев, Јован Богдановски, Павле Билбиловски, Никола Будимовски, Петко Богоевски, Никола Богоевски, Младен Богоевски, Сима Василевски, Биљбиљ Велјановски, Стево

3.5 ИНДУСТРИЈА

Општата оценка на развојот на индустријата во Тетово, како и во другите градови на Македонија, во првата половина на 20. век е дека таа останува во рамките на ситното производство, во мал број на стопански гранки пред се во мелничката индустрија, кожарството, производството на електрична струја, обработката на тутунот, ситни погони за производство на градежен материјал, пред се на цигли и дрвена граѓа. Рударската експлоатација на хромна руда во с. Радуша со странски капитал и обидите за експлоатација на

Велјановски, Божин Велјановски, Велјан Велјановски, Глигур и Насто С. Велјановски, Младен Велјановски, Сергеније Василевски, Ѓорѓе Василевски, Блаже Ѓ. Василевски, Ристо Ѓ. Василевски, Симо Василевски, Боро Гаљовски, Ристо Гаљовски, Манојло Гавровски, Ане Галовиќ, Ѓоке Гоговски, Јован Гавриловски, Алексо и Ристо Гашоски, Петре, Ане, Пано и Александар М. Грнчаровски - браќа, Илија Димитриев, Александар Димитриевски, Васо Х. Димитриевски, Никола Р. Даниловски, Радивое Р. даниловски, Змејко Даниловски, Стојко Даниловски, Аксо Димитриевски, Дамњан Димитриевски, Будим С. Димитриевски, Јордан Дојчиновски, Јован, Зарко, Анче, Стефко и Борис Димовски - браќа, Борис Ѓоцевски, Душан Ѓорѓевиќ, Гавро Ѓорѓевски, Пано Ѓорѓевски, Спасо Ѓорковиќ, Давид Ѓорѓевски, Методија Ѓурчиновски, Соломон Ефремовски, Иван Зафиров, Никола Илевски, Диме Илиевски, Јованче Илиевски, Лазар Илиев, Душан Поп Илиевски, Аркадија Илиевски, Пано Илиевски, Ацо И. Исаевски, Паскал и Гашо Е. Исајловски, Симо Исајлоски, Крсто Исајловски, Томо Исајлоски, Коста Јаќимоски, Јелисије Јанчевски, Раде Јанковски, Трпко Јакимовски, Гавро Јовановски, Томо Јовановски, Станко Јовановски, Михаил Јовановски, Атанас Јовановски, Блаже Јовановски, Коста Ѓ. Јовановски, Митре Јовановски, Марко Јовановски, Методија М. Јовановски, Глигорије Јосифовски, Петре Јосифовски, Ѓорѓе Костоски, Анѓеле Крстевски, Тихомир Крстовски (Томе Голубар), Ѓеро Кочовски Ѓинле, Спиро и Јордан Лаврентијевиќ, Биљбиљ Ј. Манојловски, Рафајло Максимовски Милошевски, Јован Ѓорѓи Златан Мисоски, Гого Мирчевски, Ристо Мисовски, Димче Манојлоски, Сергение Милошевски, Борис Мисовиќ, Александар Мисајловски, Глигорие Мисајловски, Крсто Мишковски, Никола Миловановски, Петар Милосављевски, Петар Мисајловски, Трпко Михајловски, Гаврил Михајловски, Трипун Х. Мојсиќ, Сане Мојсиќ, Милош Максимовски, Рафајло Максимовски, Коце Р. Митровски, Симо Митрушевски, Тодор Мишковски, Глигур Момировски, Илија Х. Наумовски, Петруш Наумовски, Мирко Несторовски, Божин Поп Несторовски, Ѓорѓија Николовски, Диме Николовски, Ѓорѓија Нушиќ, Глигур Пауновски, Димче Павловски, Симо Павловски, Јован Пауновски, Мерџан Пејовски, Алексо Петровски, Павле Петровски, Ристо Петровски, Кузман Петровски, Боривое Х. Петровски, Сарџо Петровски, Данил Ристовски, Томо Т. Радичевски, Пано Ристовски, Ристо Ристовски, Велјан Ристовски, Трајко Ристоски, Коста Ристовски, Томо Ристовски, Тодор Ристовски, Јоргаќија Ристовски, Спиро Ј. Ристовски, Митре Самоиловски, Ане Серафимовски, Ѓоце Серовски, Нестор и Анѓелко Н. Стефановски, Тодор Стефановски, Јован Стефановски, Андро Стевчески, Ѓорѓија Спасовски, Глигур Спировски, Петар Стевчески, Глигорие Србиновски, Драгутин Ј. Серафимовски, Ѓоко Ј. Серафимовски, Младен Ј. Серафимовски, Мате Серафимовски, Томо Поп Серафимовски, Лаќе Спириќ, Стеван Серафимовски, Билбил Серафимовски, Коце Серафимовски, Трпко Серафимовски, Мирко Серафимовски, Петре Серафимовски, Здравко Стојановски, Тодор З. Стојановски, Мито Стојановски, Стојан Секуловски, Ѓорѓија Симовски, Цветан Симовски, Нове Смилевски, Крсто Н. Смилевски, Гого Смилевски, Димитрија Силјановиќ, Аранѓел Б. Стојчевски, Блаже Стојчевски, Петре Б. Стојчевски, Биљбиљ Станчевски, Трпче Тасевски, Ѓорѓе Трпчевски, Ристо Блаже Трпчески, Блаже Тофовиќ (имал дуќани во Солун), Стојко Тодоровски, Стојан Тиревиќ, Коце Тиревски, Михаил Тиревски, Карафил Трпчевски, Спиро Трпчевски, Тодор Трпковски, Трпко Трковски, Тодор Тасевски, Лазар Томоски (САД), Владимир Томовски, Панко Тодоровски, Петар Тофиловски, Андро Тримчевски, Виќо Тримчевски, Никифор Трифуновски, Тано (син на Мисо и Лена), Анание Ј. Филиповски, Саво Цветковски, Анастас Цветановски, Мојсие Цветановски, Ѓорѓе Филиповски, Захарие Цоловски Sако, Мито К. Цинлевски и др.

Page213

оникс во с. Лешок се единствените во непосредната околина на Тетово. Со овие капацитети Тетово било меѓу првите пет градови во Македонија според индустриското производство[1137].

Развојот на занаетчиството во Тетово го потикнало и развојот на индустриското производство. Поимотните тетовчани но и луѓе надвор од градот започнале да инвестираат во одредени стопански гранки. Се поголемата присутност на тетовчаните во странство и искуствата кои ги добивале таму, но и желбата да станат конкурентни на пазарот каде што се повеќе продирале готовите производи на западната индустрија, ги поттикнало некои до нив да започнат со индустриско производство со мали капацитети, кое дало свој придонес во развојот на градот.

Спротивно на таа тенденција[1138], нискиот степен на јавна безбедност, како на луѓето, така и на имотот, отсуство на брзо и чесно правосудство, лоша или никаква организација на капиталите, недостаток на информативни средстава, се дел од причините зошто луѓето не се определувале за индустриско производство.

Индустриското производство во Тетово своите почетоци ги бележи во првите години на 20. век. За да се оствари оваа намера, биле неопходни некои предуслови. Машинското производство, како енергија ја користело електричната струја, а некои машини функционирале на воден погон. Падот на водата како движечка сила е искористена во Тетово на реката Пена, каде првите машини на воден погон започнале да се користат.

Л. Серафимов во 1900 година пишува дека на реката Пена имало инсталирано една мала индустрија на воден погон. Според него таму имало: *неколку јазови на кои што биле изградени воденици, валавици, чаргови за дупчење на тетовските мартинки, една мала фабрика за гајтани и мелница*[1139]. Еден од првите производни погони е *Вештачката мелницаПолог* која се наоѓала на реката Пена во *Горно Маало* и е пуштена во производство во 1898 година, проектирана од двајца европски инжинери[1140]. Со неа работеле и Турци од градот, Абуш-ага Тресија, Али-бег Дерала и Абдил Ефендија, кои во 1923 година истата ја продале на Спиро Хаџи Ристиќ, Александар Јовановски Јајчар, Петар Апостолов и Димче Костовски Овца, сите од Тетово. Мелницата работела под фирмата *Хаџи Ристиќ, Јовановиќ и Комп.* Во 1931 година Тетовската индустриска банка, зема учество како акционер во капиталот на мелницата[1141].

[1137] Ристо Христов, Градското стопанствона Вардарска Македонија меѓу двете светски војни низ архивските извори, Историја, Скопје, 1988/89, бр. 1- 4, 93 – 94.
[1138] Мишајков Д., Македония . . . цит. дело, 39.
[1139] Л. Серафимовъ, *Тетовско и дъйцитъ по вжзражданието му,* Пловдивь, 1900, 12 – 13.
[1140] Истото.
[1141] Коста Сидовски, Преглед на прехранбената индустрија во Н.Р. Македонија (1912 - 1940), ГИНИ, Скопје, 1958, бр. 2, 82.

Оваа мелница во 1929 година била проширена и реновирана со машини од Германија кои работеле на електричен погон. Мелницата понатаму продолжила да работи користејќи комбинирана технологија на воден и електричен погон. Мелницата располагала со водна турбина од 50 кс. и 2 мотора со вкупно 42 кс. Во 1940 година во неа биле ангажирани 13 работници[1142]. Капацитетот за 24 часа на оваа мелница бил од 6.000 кг. Нејзиното годишно производство изнесувало 1.800.000 килограми брашно[1143].

Вториот електричен млин *Балкан* е пуштен во производство во 1930 година од страна на семејството Богојевиќ во самиот центар на градот, наречен *Бунар*. Млинот работел се до 1935 година кога настрадал во пожар[1144]. После тоа овој производствен капацитет не продолжил со работа, а објектот во кој бил сместен е преуреден во општинска зграда во која се наоѓал и *Домот на занаетчиите*.

За време на Втората светска војна, се појавиле уште неколку мали мелници на електричен погон, кои претежно ги држеле Албанците и Турците во Градот.

Тетовските трговци со жито и брашно и пекари својот капитал го вложувале и надвор од Тетово. Таков пример е здружениот капитал од 4.300 златни турски лири на тетовчаните браќа Димови, Ѓоко Хаџи Ристиќ, Анче Николов, Андреја и Наум Петровски, со кој ја купиле најстарата мелница (1880г.) во Македонија од Исмаил Паша од Скопје во 1922 година[1145].

Во турскиот период, во ***текстилната индустрија*** се појавуваат две претпријатија за производство на гајтани. Се споменува дека во едното имало 26, а другото 23 машински разбои[1146]. *Фабриката за гајтани* на Петар Лекиќ и Синот во Тетово, во 1908 година со капитал од 750 турски лири[1147]. Ова претпријатие машински изработувало волнени, памучни и свилени гајтани, потребни за народната носија во Македонија, Албанија и Босна, каде истите се продавале, но и за турската војска[1148]. За време на Првата светска војна, овој капацитет бил уништен, а по завршувањето на војната продолжило производството со тоа што во 1923 година, Петар Лекиќ донел посовремена машина од Нинберг, Германија со која се произведувал и срмен гајтан. Преѓата за гајтаните ја набавувале од Англија, Германија и

[1142] Истото.
[1143] Истото, 87, 89.
[1144] Глас Пологa, Тетово, 118, 29. 06. 1935, 2.
[1145] Коста Сидовски, Преглед на . . .цит. дело, 81.
[1146] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 598.
[1147] Според авторите Мил. Р. Гавриловиќ, (Развитак банкарства . . . цит. дело, 65.) и Ј. Гргашевиќ (Индустрија Србије и Црне Горе, Загреб, 1924, 222, фабриката е отворена во 1882, но според синот и соработник на Петар, Коста Лекиќ, таа година е формирана нивната трговска фирма, а не фабриката. Според истражувањата на Коста Сидоски, (Текстилната индустрија во НР Македонија во периодот помеѓу двете светски војни, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1957, 63)
[1148] Јаким Синадиновски, Некои општествено-економски . . . цит. дело, 91.

Италија, Капиталот изнесувал 1.500.000 дин.[1149], со годишен капацитет од 12.000 кг. разни видови гајтани. Гајтанџилницата прекинала со своето производство во 1931 год[1150] поради не прилагодување на пазарот. Пред 1912 година работела уште една гајтанџилница, на семејството Груевци[1151], најверојатно според името на основачот Грујица Васиљевиќ[1152], која исто така го прекинала своето производство за време на Балканските војни. Во гајтанарата работеле просечно од 8 – 17 работници. Некои истражувања укажуваат дека во Тетово, во турскиот период имало и две *ткајачници* во кои се произведувале волнени, памучни, ленени и свилени платови[1153]. Производството се одвивало на рачни разбои. Повеќе детали за овие текстилни работилници нема.

Во 1924 година на реката Пена е изградена и првата ***кожарска работилница***од Словенецот од Тржич, Виљем Раитхарек. Тој во 1928 година набавил повеќе видови на машини и така осовремена работилницата ја продал на тетовчанецот Стојадин Димитријевиќ Ренто, кој уште повеќе го модернизирал производството и преминал од воден на електричен погон. Така, фабриката со 15 – 20 работници произведувала бокс, јухт, шевро, кожа за капути, ѓон и мешин[1154].

Кожарската работилница на Јован Мишковски и неговите синови работеле во периодот од дваесеттите години до 1946 година кога нивната работилница била одземена од државата. Произведувале: бокс во боја, јухт, сржеки бланк, ѓон за опинци, чеврет, табанастер, шевро во боја и др[1155]. За време на војната работилницата на Мишковски била ограбена во производи со вкупна вредност од 35.000,00 југ. динари[1156].

Најголем производствен погон, според ангажирани работници во Тетово била ***Тутунската станица*** позната кај народот како *Монопол*. Тутунската станица имала два големи објекти, складови, два магазини, ферментационен завод, управна и неколку стамбени згради. Таму во 1936 година биле вработени 396 работници а бројката се движела и до 428 работници чија работа била тешка и слабо платена[1157].

Во градот имало и две ***циглани*** кои се наоѓале на периферијата. Првата кај касарната и втората на гостиварски пат, во атарот на Мала Речица, во сопственост на Ѓоце Митруш и

[1149] Коста Сидоски, Текстилната индустрија . . . цит. дело, 63.
[1150] Истото; Методија Манојловски, Индустриското производство во Македонија за време на втората светска војна, Историја, бр. 1- 2, Скопје, 2004, 118.
[1151] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 1, Наша Книга, Скопје, 1986, 123.
[1152] ДАРМ, Одд. Тетово, Збирка на матични книги и домовници, книга од 1921 година, ред. бр. 2184.
[1153] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986,293.
[1154] Јаким Синадиновски, општествено-екеномски . . . цит. дело, 92.
[1155] Истото, 120.
[1156] Истото.
[1157] Јаким Синадиновски, Општествено-економски . . . цит. дело, 92.

неговиот син Круме. Во 1916 година постоела една циглана[1158], а втората е изградена после 1918 година.

Пред Втората светска војна, постоеле и две ***електрични пилани***. Првата на Ристо и Борис Стефановски и втората на Глигор Костоски со еднаков капацитет на обработка од 12 м. кубни за 8 часа[1159].

Во градежништвото се појавуваат претприемнички претпријатија или ***градежни претпријатија*** кои ги воделе поголемите градежни зафати во тоа време. Некои од ѕидарските тајфи прераснале во покрупни претприемачи, за кои работеле поголем број на ѕидари и други занаетчии кои биле ангажирани за поголеми градежни зафати, патишта, мостови, објекти на државни институции и сл. Овие крупни претприемачи се воделе како регистрирани фирми и учествувале на лицитации на големи проекти на државата, на кои доколку ги добивале ги ангажирале некои од ѕидарите и тајфите од градот[1160].

Еден од најголемите претприемачи бил Ѓиго Ќемане. Тој располагал со свое стовариште за градежни материјали, камион и др. возила. Неговото претпријатие имало редовни работници, но и работници кои се ангажирале сезонски и разни занаетчии според потребите[1161]. Најголемите градежни зафати кои ги работело претпријатието на Глигорие Николовски - Ѓиго Ќемане се патиштата од Тетово до Вратница и две делници од патот од Тетово – Гостивар и од Бошков мост до Косоврасти. Оваа фирма градела и училишта, дрвени мостови на Вардар и приватни куќи. Располагал со големо стовариште на градежен материјал (во денешното училиште Лирија), имал два камиони, 18 коњи, променил 3 автомобили, 4 брчки – коњски коли и големо количество алат[1162]. Други покрупни претприемници биле браќата Димитриевски и тоа Јован, Ристо, и Јастро Јармовци[1163]. Нивни поголеми градежни изведби се делница за патот од Вратница кон Качаник, Основното училиште *Александар Уједињитељ*, денешен објект на *Работничкиот универзитет*. Претпријатието на Васа Петровиќ ја водело изградбата на двата најголеми објекти во Тетово во тоа време, зградите на Тутунската станица[1164].

Најголем стимул на развојот на стопанството, зајакнување на земјоделството и воопшто подобрување на животниот стандард на граѓаните има дадено *Тетовското*

[1158] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 39.
[1159] ДАРМ, Скопје, Ф. 159, Председателство на Владата на НРМ, АК – 16, 17/174-331.
[1160] Истото.
[1161] Драгутин Николовски – Ќемане (1934 -), пензионер од Тетово, изјава 17. 07. 2008, лична архива, Б.С.
[1162] Истото.
[1163] ДАРМ, Скопје, цит. Фонд, 1002/1954.
[1164] Борис Ѓорчески . . . цит. извор, 14. 10. 2006.

акционерско индустриско друштво (ТИАД) [1165]. Ситното индустриско производство и поимотните трговци и занаетчии започнале да создаваат извесна акумулација на капитал, а во Тетово во 1911 година е формирана и првата Тетовска задруга за штедење. Во првата деценија на 20. век, Тетово претставувало, трговски, занаетчиски и административен центар во поширокиот дел на северозападна Македонија, а со бројот на жителите од околу 20.000 е меѓу поголемите во вардарскиот дел на Македонија. Тетовската чаршија со околу 500 дуќани, ја согледала потребата од понатамошен развој на стопанството, но без електричната енергија тоа не било можно.

Природните можности со обилните шарски водотеци дале посебни стимул, а посебно реката Пена, која тече низ самиот град и која ги задоволувала сите норми потребни за се изгради една хидроцентрала каква што дотогаш немало во Македонија и поширокиот реон околу неа, што севкупно ја поттикнало идејата, некаде во 1911/1912 година за изградба на првата хидроцентрала.Идејата се претворила во иницијатива во 1913 година, кога вардарскиот дел на Македонија се нашол во состав на Кралството Србија. Тогаш е основано Акционерско друштво со почетен капитал од 100.000 динари. Акционерите се обратиле со молба до Министерот на народното стопанство во Белград, во кое барале одобрување и упатство за да се почне што побрзо со изградбата на хидроцентралата. За жал оваа иницијатива била прекината поради продолжувањето на кризата на Балканот, која кулминирала со Првата светска војна[1166].

Конечно, во 1921 година формирано е *Тетовското индустриско акционерско друштво* - ТИАД.Еден од најинтересните документи на ова Друштво за изградба на првата хидроцентрала во Македонија е барањето за финансиска помош до Градското Поглаварство Тетово, во кое на еден сликовит начин се опишани соништата, визиите и желбите на тетовските првенци. Еве некои фрагменти од тој документ:

При крајот на месец февруари 1921 година се одржа собир на граѓаните во хотелот "Београд", каде едногласно беше пројавена желба во Тетово да се отвори едно акционерско друштво кое ќе го искористи падот на реката Пена за да се добие електрична струја која ќе се употреби за осветлување на градот и домовите, како и за подигање на градот и индустријата во градот и околината. . . .Кога ги добивме потврдените правила, веднаш работевме на уплатата на акциите и првата уплата да се исплати. Со желба што повеќе акции да се запишат во самото Тетово и околината, ние не објавивме веднаш надвор од Тетово. . . .Вложувајќи ги сите свои напори во оваа работа, ние одевме доста споро но сигурно одевме напред и среќни сме што сме успеале 95% од капиталот да го откупи само Тетово и само 5% надвор од Тетово . . .Денеска е запишан и уплатен чист капитал од

[1165] Бранислав Светозаревиќ, Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата 75 години развој, ЕМС, подружница Тетово, 2002.
[1166] Истото, 8 - 9.

1.000.000 динари . . .Изработени се и плановите за изградба на хидроцентралата; целокупен премер: на земјата, реката, водните потенцијали, јазовите, браната и др.Според пресметките и мерењата со најмалиот водостој на реката ќе имаме јачина од 3.000 коњски сили.Со оваа жива и непрекидна сила од преку 3.000 коњи, ние ќе можеме не само да го осветлиме градот и сите домови, за што ни се потребни 400 - 500 КС, туку ќе можеме да ја употребиме за фабрики, валавици, млинови, ситна домашна индустрија за електрична железница и друго. Ние во непрекинатата работа, ќе можеме да добиеме, не 3.000, туку 9.000 впрегнати коњи ако се земе предвид, дека еден коњ не може да работи повеќе од 8 часа дневно. Овие 9.000 коњи никој нема да ги храни освен нашата река Пена, која со својот постојан и вечен тек ќе ја покренува големата сила. Речиси секоја акција ќе претставува вредност на еден добар коњ, кој со многу мали трошоци може да се одржува. Претседател на Управниот одбор на ТИАД е Михајло Михајловиќ- адвокат, потпретседател е Мустафа Арслановиќ, членови Душан Алексиќ, Симо Штакле, Коста Парлиќ, Џељо Сулејмановиќ, Михајло Нешиќ, Сима Мојсиќ, Јакуп Сулејмановиќ, Ецо Тодоровиќ и Веби Изетовиќ[1167].

Оваа идеја која отскокнувала од времето и просторот во кои опстојувале тетовчаните се должи на тогашната тетовска чаршија, која веќе преку трговијата, печалбарството и студентите имала можност да се запознаат со некои текови на западната цивилизација и меѓу другото, ја согледале и големата полза од, за тоа време, чудесната електрична енергија. Тие биле наполно свесни дека природата им дала исклучителна можност да се искористи силата на реката Пена. Капацитетот на оваа прва хидроцентрала во Македонија, која по своето производство на електрична енергија, во периодот кога била пуштена во погон, била една од најмоќните, ги надминала можностите на тетовските акционери. Во капиталот на ТИАД, со свое значително учество влегле и *Лесковачката централна банка* и *Скопската извозна банка*. Сепак и овие две банки во 1930 година, поголемиот дел од своите акции ги продало на шведското акционерско друштво *Електро-инвест*, со оглед дека делокругот на работата на претпријатието се проширил и во Скопје[1168]. Отворањето на оваа хидроцентрала било голем настан во тогашна Југославија, за што потврдува и присуството на Кралот Александар кој свечено ја пуштил во ноември 1926 година.

Се до изградбата на хидроцентралата Матка во 1938 година, ова хидроцентрала била најголема во Македонија. Хидроцентралата на реката Пена имала инсталирана моќ од 2400 КС. Првата градска дистрибутивна мрежа во Тетово е изградена во 1926 година. ТИАД изградил далекувод од 3.000 V со должина од 46 км. Покрај Тетово, оваа хидроцентрала обезбедувала струја и за Скопје и други индустриски и воени капацитети во околината. Покрај

[1167] Истото, 10 - 11.
[1168] Мил. Р. Гавриловиќ, Развитак банкарства . . .цит. дело, 66.Тетовчани горди на својот потфат во шега велеле дека *Ако не беше Тетоо, Скопје помрчина ќе го изедеше.*

хидроцентралата и четирите трафостаници во Тетово и далекуводите, ТИАД располагал со дизел мотор, саугас машина и парна машина и трафостаница во Скопје. Централата во Скопје е со генератори со разводна постројка. Со вакви капацитети ТИАД, во тоа време претставувал значаен фактор за развој на индустријата во северниот дел на Македонија[1169].

Меѓу 90 вработени ТИАД имал и свои електро и машински инжинери кои проектирале и со своите работници граделе, далекуводи, трафостаници и се што било неопходно за дистрибуција на електричната енергија.

Во Втората светска војна, италијанските и албанските окупаторски власти стопанисувале преку новоформираната фирма. Како стратешки индустриски објект, хидроцентралата и трафостаниците биле цел на напади на сојузничките сили, особено во 1943 и 1944 година[1170].

По ослободувањето на ноември 1944 година, управувањето со хидроцентралата согласно на социјалистичкиот начин на управување и била превземена и раководена од Федералното електротехничко претпријатие на Македонија (ФЕП)[1171].

Во првите години по ослободувањето, иако со многу технички пречки и диверзии, мрежата на корисници незапирливо се ширела. Изградени се далноводи во неколку правци во тетовската околија, наменети за селата и туристичкиот центар Попова Шапка[1172].

Во близината на Тетово, постоел и еден друг индустриски капацитет, ***рудникот во селото Радуша***, кој не бил создаден со капитал на тетовчани, туку во него работеле. Рудникот постоел уште во османлискиот период со кој управувал конзорциум од Солун и во 1903 година се ваделе 500 – 600 тони[1173]. Во соседниот атар на село Орашје, работеле 200 – 250 работници и се ваделе 3.854 тони хромна руда[1174]. За време на Првата светска војна од 1916 – 1918 година, таму биле вработени околу 800 работници од Тетовско. Во 1921 година, возобновена е *експлоатацијата на хромната руда* во подножјето на Шар Планина во близина на селата Радуша, Орашје и Горанци, тогаш сите во Тетовскиот округ. Тие во тој период биле во сопственост на три рударски компании и тоа: Алатини Минес Лимитед, од Лондон[1175],

---

[1169] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Електродистрибуција . . . цит. дело, 13 - 14.
[1170] Тодор Чепреганов, Британски воени мисии во Македонија 1942 - 1945, ДАРМ, Матица Македонска, Скопје, 2000, 100, 101, 134 и 172.
[1171] Оваа хидроцентрала на реката Пена и денес е дел од енергетскиот систем на Р. Македонија.
[1172] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Електродистибуција . . . цит. дело, 18 - 19.
[1173] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 304 – 305.
[1174] Истото, 305.
[1175] Новица Велјановски, Јан Рихлик, Чехословачки документи за Македонија (1934 – 1939), книга 2, Скопје, 2007, 234. *Англиското друштво е основано во 1927 година за експлоатација на старите рудници истражувани од браќата Алатини. Капиталот е англиски а делумно австриски.*

Љуботен А.Д. и Моиса Асео Лимитед од Скопје[1176]. Во овие рудници се вршело испирање на рудата и издвојување на хромната руда од другите примеси. Хромовата руда содржела од 27 до 56 проценти чист хром[1177]. Во 1933 година биле продадени 8.800 тони руда, а за 1934 година целосно биле испорачани: за Германија – 5.330 тони, Франција – 3.916, Австрија - 3.334, САД - 1.010, Полска 135 и Чехословачка 767 тони[1178]. Таа понатаму се извезувала преку Солун во Англија, Германија и САД.

За време на Втората светска војна, со рудникот управувале Германците, кои рудата ја користеле во германската индустија и тоа претежно во воената индустрија. Веднаш по Втората светска војна, рудникот бил конфискуван и со него управувала државата. Производството на хромната руда, била основниот мотив за изградба на Хемиско-електрометалуршкиот комбинат *Југохром* во с. Јегуновце, кој во редовно производство бил пуштен во 1957 година.

По воспоставувањето на социјалистичкото уредување во тогашната НР Македонија, дошло до коренити измени во начинот на стопанисување. Бурните процеси и промени како на политички така и стопански план биле резултат на силниистовремени фактори: 1. Влијанието на идеологизираната политика, 2. Објективно влијание на историските промени, 3. Продуцирање на масована работничка класа и 4. Посебен социјален слој на службеници и интелектуалци[1179].

Периодот од 1945 до 1950 година познат во историјата како административно-централистички економски систем го карактеризираат нагласени, сеопфатни промени:Национализација и експропријација на приватниот имот и создавање на крупен државен сектор во стопанството; аграрна реформа во земјоделието; создавање на нов државен апарат, кој ги превзел функциите на организатор и раководител на стопанството; воведување на планирањето како основен регулатор на стопанските движења и укинување на пазарното стопанство; изградба на нов монетарен и банкарски систем; Брза колективизација на земјоделството[1180].

Крајот на 40-тите и почетокот на 50-тите години, биле години на стопански пресврт, кога градот Тетово полека од типично занаетчиски прераснува во еден од најзначајните индустриски центри во Македонија и пошироко. До 1947 година возобновени и проширени биле индустриските и занаетчиските капацитети во градот, кои претходно прешле од приватна во државна сопственост, а занаетчиите биле основата на работната сила во новоизградените индустриски капацитети. Во 1948 година како индустриски капацитети меѓу кои има и некои

[1176] Мил. Р. Гавриловић, Развитак банкарства . . .цит. дело, 69 - 70.
[1177] Новица Велјановски, Јан Рихлик, Чехословачки документи . . . цит. дело, 234.
[1178] Истото, 235.
[1179] Никола Узунов, Стопанството на република Македонија 1945 – 1990, МАНУ, Скопје, 2001, 47 – 48.
[1180] Истото, 48 – 49.

со трговска дејност, се воделе претпријатијата[1181]: фабриката за кожи *Шар*[1182]; Градско претпријатие за производство на градежен материјал *Прогрес*; Градска печатница *Напредок*; претпријатие за разноделба *Електросветлост*; Мебело-столарско дуборезачко претпријатие; Претпријатие за оправка на станбени згради *Обезбедител*; Градска економија *Полог*, Претпријатие за соберуење и тргуење со отпадоци *Отпад*; и коопрерации: Кондурациска произодителна кооперација *Мишка*; Столарско – производителна кооперација *Иднина*, Шивачко – производителна кооперација *Први мај* и Занатско набавно – продајна кооперација *Гоце Делчев;* Градско градежно претпријатие *Пена*[1183]; Околиско производствено претпријатие *Извор* кое произведувало тули, вар, метални прагови и друг градежен и огревен материјал[1184]; Столарска работилница *Борче Кочоски*, како услужен столарски центар[1185].Тутунската станица, продолжила со своето производтство и во овој период, со тоа што го зголемила производството, своите капацитети, а бројот на вработените во 1949 година изнесувал околу 1000[1186]. Во 1947 година, во Тетово е пуштена во работа печатницата *Напредок*[1187], чии први машини биле оние на предвоените приватни печатници *Јадран* и *Принц*, а во неа биле вработени работниците, па и сопствениците на овие печатници. Истата година биле возобновени и тетовската хидроцентрала, односно Електродистрибутивното претпријатие *Електромакедонија*[1188] и државната тутунска станица[1189]. Во 1951 година во Тетово, во редовно производство е пуштена фабриката за тешка конфекција и трикотажа *Тетекс*[1190], во 1953 година фабриката за лесна конфекција *Единство*[1191], во 1955 година, претпријатието за градежни материјали *Неметали*[1192], во 1955 година *ХЕК Југохром*[1193]. Во тој период, традицијата на преработка на кожа во Тетово се преточила во отворање на покрупен капацитет за преработка на кожа *Шар*[1194], Околиско градежно претпријатие *Љуботен*[1195] и т.н.Производството на храна во Полог и на Шар Планина, аграрната реформа и преоѓањето на

[1181] ДАРМ, Одд. Тетово, Собрание на општина Тетово, АК – 15, 18/61 – 62.
[1182] Љ. Г. *Кожарата Шар покажа добри резултати во 1949 година*, Шар, Тетово, бр. 28, 10. 02. 1949, 4.
[1183] Б. А., Во Градското градежно претпријатие Пена доделени се награди во сума од 42.000 дин., Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4; Истото, бр. 28, 10. 02. 1949, 3.
[1184] Истото.
[1185] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 278, Услужен сервис *Борче Кочоски*, Тетово, (1948 – 1958), АК – 1.
[1186] П. Манојловски, Развојот на економијата во Тутунската станица – Тетово, Шар, Тетово, бр. 28, 10. 02. 1949, 3.
[1187] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово, СО Тетово, НИП Нова Македонија, Скопје, 1969, 79, 88 - 89
[1188] Истото, 89 – 90.
[1189] Истото, 98 – 99.
[1190] J.J. Во Тетово изникнува голем текстилен комбинат, Нова Македонија, Скопје, 20.01. 1950, 2.
[1191] Истото, 87 – 88, Модна конфекција *Единство* - Тетово,(монографија) Полог, Тетово, 1983, 13 – 18.
[1192] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово . . . цит. дело, 86 – 87.
[1193] Југохром, (монографија), Полог, Тетово, 1982, 7 – 20.
[1194] Јован Павловски, Живко Стефановски, Тетово . . . 90.
[1195] К. Ѓорѓески, Околискиот народен одбор во Тетово предвидува производство на градежен материјал од локалната база за капиталната изградба во 1949 година, Шар, Тетово, бр. 25, 20. 01. 1949, 3; Т. Петроски, Работата на окол. Градежно претпр. Љуботен во 1949 г., 03. 03. 1949, 3.

големи земјишни површини во рацете на државата[1196], создале услови за развој на прехрамбената индустрија. Покрај *Гроцка*[1197], биле основани и Земјоделско ндустрискиот комбинат (ЗИК) *Тетово*[1198], претпријатие за преработка на месо *Прехрана*[1199], Градско претпријатие за градинарство и сточарство, подоцна ЗИК *Полог*[1200], Тетовската *млекара*[1201] а мелничката традиција продолжила преку претпријатието *Жито Македонија*[1202] .Со фузионирање на две столарски задруги бил формиран и Шумско – индустрискиот комбинат *Јелак*[1203]. Во градежништвото било формирано ГП *Љуботен*, кое одиграло значајна улога во изградбата на голем број објекти во Тетово и пошироко[1204].

Главната производствена сила во возобновувањето на стопанството е доброволната работна сила преку организирање на масовни работни акции. Локалниот весник *Шар*, орган на Околискиот народен одбор на Народниот фронт – Тетово, речиси во секој свој број ги пропагирал активностите на оваа организација[1205]. *Нека не остане ниту еден поштен Македонец или Шиптар а да не земе удел во фронтовските бригади. Нека не остане ни еден, а да не биде градител на пругата и хидроцентралите, а да не биде градител на социјализмот во нашата земја . . .*[1206]

. . . За да се исполнат сите овие работи ќе се организираат 8 доброволни работни бригади како и 3 платени. Покрај сето ова во планот се предвидува и низа работи од стопански карактер, како на државните финансии, исполнување на сеидбениот план ќе помага за поарни и поуспешно реализирање на производсвените планови по претпријатијата. За текстилната фабрика ќе се дадат 100.000 работни саати, за изградба на пругата Скопје – Гостивар 200.000, за поправка на улиците низ нашиот град 50.000, за изградба на фискултурното игралиште 15.000, за пошумување на нашите голети 12.000, за изградба на патот кон Бањиче

[1196] Истото, 92 – 93.
[1197] Истото, 100 – 101.
[1198] Истото, 94 – 96.
[1199] Истото, 99 – 100.
[1200] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК - 14. 24/178 – 198;
[1201] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 159, Претседателство на Влада на НРМ, 57. 65/ 370 – 374.
[1202] Јован Павловски, Живко Стефановски, . . .цит. дело, 97 – 98; ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 253, ЗИК Полог Тетово, 1953 – 1961, 1АК.Денес, фирмата *Жито Полог*, едно од позначајните пекарски капацитети во Македонија.
[1203] Истото, 102 – 103.
[1204] Истото, 104.
[1205] Шар, Тетово, Со сè поголеми работни акции, населението од тетовската околија ги дочекуе изборите на Народен фронт, 31, 03. 03. 1949, 3; Истото, 08. 03. 1949, 3; Д. П. Младината од градот и селото се припрема за нови работни акции, Шар, Тетово, бр. 31, 03. 03. 1949, 4; Истото, Градскиот народен фронт во Тетово постигнува добри резултати во работите за исполнување на годишниот фронтовски план, бр. 31, 31. 03. 1949, 3; Истото, Преку добрата работа се јакне младинската организ. во Тетово, бр. 34, 07. 04. 1949, 1; Истото. И членовите на синдикалните подружници треба да земат масовно учество во локалните акции што ги спроведува Градскиот одбор на нар. фронт во Тетово; Истото, Масовните организации во Тетово на локалните акции низ градот, бр. 39, 02. 06. 1949, 2; Истото, Доброволните фронтовски бригади – борци за изградба на социјализмот во нашата земја, бр. 39, 02. 06. 1949, 1;
[1206] Истото, Доброволните фронтовски . . . цит. статија, 1.

7.000, за правење на тули 10.000, за овошни расадник 5.000, за уредување на градски зеленила и паркови 10.000 и на низ други акции ќе се дадат 5.000 доброволни работни саати[1207].

Во тој период во Тетово, се појавуваат и првите дипломирани инжинери кои студирале на универзитетите во ФНР Југославија, а со отворањето на покрупните индустриски капацитети се појавил и дефицит од кадри кој предизвикал прилив на истите од другите места во Македонија и Југославија. Посебно забележителен е приливот на кадри од Хрватска кои одиграле значајна улога во развојот на текстилната индустрија.

3.6 СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

Во османлискиот период, низ Тетово се движеле трговски каравани а во Тетовско за нивните потреби постеле Каравансараи[1208]. Трговскиот промет во најголема мерка се одвивал на релацијата од Призрен до Скопје.

Главниот проблем на транспортот во османлискиот период била безбедноста на патиштата. Еден од најнебезбедните патишта на Балканот бил коњскиот пат преку Шар Планина и тоа во правците кон Призрен и Албанија, кај планинските превои Џинибег и Бабаасаница. Во тој период Османлиската држава превземала низа мерки за да се обезбеди сигурен сообраќај[1209]. Едни од најопасните пљачкосувачки банди биле оние наБафтијар од село Коловоз, како и Кољуш и Адем Буљка. Покрај турските власти големи проблеми со качаците од Љума имале и српските и југослвенските власти се до почетокот на 20-тите години на 20. век[1210]. Тие, меѓу другите ги опљачкале и убиле познатите тетовски кирајции Апостол Брлица и Јоше Арабација, а во 1921 година биле запленети Соломон Хаџи Марков и Ане Личанин, кои откако не добиле 400 златни лири за откуп, овие двајца тетовчани никогаш повеќе не биле видени[1211].

Во првите две децении на 20. век, во Тетово и Полог за превоз по патиштата се служеле со *пајтони, каруци,* а најмногу *коњи*[1212]. За транспорт на стоките меѓу Тетово и Скопје се користеле околу 22 коњски коли[1213]. Целата трговија со Албанија се одвивала со коњи. Како показател за тој сообраќај е податокот дека, во турскиот период во Мавровi Анови

[1207] Истото, Претстоеќите . . . цит. статија, 1.
[1208] Petrović Rudolf, *Polog – antropogeogravski prikaz,* Zagreb, 1942, 56.
[1209] Арсиќ Б., Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 35 - 36.
[1210] Душко Варналиев, Како ќе ја минеш таа Шар Планина полна со ајдуци!, Нова Македонија, Скопје, 29.09. 1956 г.
[1211] Истото.
[1212] Пајтонции имало неколку: Израил Савиќ (бил задолжен за превоз на професорите од градот до Земјоделското училиште), Глигорие Стамевски и др. Луѓето што работеле со запрежните коли се нарекувале според турскиот израз *арабации.* (араба – кола). Тодор Арабација, Јосиф Василевски Стенчанец, Сретен Ѓорѓевски, Петар Х.Глигорие Ѓорчевски (Петре Грбо), Настас Максимовски, Трпе Тасески, Илија Стамевски, Глигорие Стамевски, Никола Г. Стаматовски, Трпко Савиќ и др.
[1213] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 263.

секој ден доаѓале на пропатување 200 до 300 коњи, а во вторник и четврток, пазарните денови во Гостивар и Тетово, и по 500 коњи, кои пренесувале на тој пат околу 7 - 8 милиони кг. стока, годишно[1214].

Караваните се состоеле од 20 до 50 коњи или маски, па и повеќе. Секој коњ се товарел со околу 150 до 160 килограми. Сопствениците на коњите за транспорт се нарекувале *кирации*. Еден кирација држел од 2 до 8 коњи и заедно со другите кирации се здружувале во караван. Кирациите биле вооружени а со нив оделе, во зависност од големината на карванот, од 20 – 80 луѓе придружба, доволно да се одбранат од качачките напади. Помалите карвани се здружувале во поголеми заради заштита[1215]. Во Тетово најголема традиција во кириаџиството имале Македонците со влашко потекло (семејството Стерјовци и др.). Поради големата несигурност на патиштата низ Македонија во 19. век, а особено во тетовскиот крај, сите кирации биле добро вооружени, така што еден караван можел да има од 20 до 80 вооружени луѓе. На чело на караванот одел старешината на караванот, наречен *капиџи баша* или *бајрактар*. Најчесто тоа бил трговецот кој имал најголема стока за пренос во караванот[1216].

Како главно транспортно средство во турскиот период, поради конфигурацијата на земјиштето, за брдските краеви биле *брдските коњи* и *магариња*та, а за рамнините *воловите и биволите*[1217]. Во полето колските коли биле со 4, а во планинаските места со две тркала. Селаните од тетовскиот подгор и поселие употребувале прости и грубо изработени запрежни коли, кои се правеле во Старо Село. Колите биле тесни, изработени од дебело дрво со мал капацитет на запремнина, така што тежината повеќе доаѓала од колата а помалку од товарот. Ваквите коли ги влечеле пар волови или биволи[1218]. Запрежните коли со амортизери се нарекувале *брчка* или *јајлии*. И човекот се користел како превозно средство за пренос на стоки. Тоа биле т.н. амали, кои во Тетово ги имало на одредено место, близу житниот пазар[1219].

По реновирањето на гостиварскиот пат во 1938 година, тетовчаните се повеќе го користеле и велосипедот за личен превоз до Гостивар, кој бил оддалечен од Тетово 22 км. Трговците и во периодот меѓу двете светски војни се уште за транспорт на своите стоки го користеле традиционалниот кириаџиски транспорт.Еснафот на превозниците имале свој светец заштитник, *Св.Тодор, Велики пости.*

[1214] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 42.
[1215] Крсте Битоски и др., Историја на железницата во Македонија, 1873 – 1973, ЖТП Скопје, НИП Нова Македонија, Скопје, 1973, 19.
[1216] Истото, 37.
[1217] Истото, 35.
[1218] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 19. 08. 1891, 2.
[1219] И во триесеттите години на 20. век, имало двајца Македонци од градот кои работеле како амали и тоа Ѓиго Шуте и Ѓиго Желинко. Другите амали биле претежно Македонци од Гора, Призренско и неколку Роми.

Вистински пресврт во сообраќајот предизвикале појавата на железницата и патничките возила. Најпозната автотранспортна фирма која имала редовен автобуски сообраќај на релацијата Скопје - Охрид, преку Тетово, како и директната врска Тетово - Скопје и обратно била *Вардарското автотранспортно претпријатие* (ВАП) од Скопје во сопственост на браќата Поповиќ, кои по потекло биле од Тетово. Тие нуделе автомобилски и автобуски превоз со капацитет од 18 до 20 седишта[1220]. Тие воедно биле најсигурните и најбрзи приватни средства за пренос на луѓе и стока. Ова претпријатие ја одржувало постојаната автобуска линија Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево , Скопје – Тетово – Гостивар – Маврови Анови – Дебар – Струга – Охрид. На линијата Скопје – Тетово – Скопје, овие автовбуси оделе три пати дневно[1221]. Освен на споменатите релации, преку неделите и празниците ова автобуско претпријатие нудело и превоз за екскурзии на релација Скопје - Тетово - Лешок - подножјето на Љуботен[1222]. Во лето поради се поголемата посета на домашни и странски туристи во Охрид, се одвивал трократен автобуски промет во двата правци а на релацијата, Гостивар - Скопје преку Тетово и 4 пати дневно[1223]. Од 1938 година *ВАП Поповиќ* организирало превоз за Скопје 7 пати дневно[1224].

Покрај автобусите, се повеќе се појавувале таксистите[1225].Во триесеттите години бројот на такси возилата се зголемил. *Преку лето сообраќајот е најжив, поради многуте излетници. Се патува со такси возилата кои во Тетово ги има неколку десетини, а кои секој час на плоштадот „Крал Петар II", стојат на располагање. Освен со такси се патува и со големи автобуси на автомобилското претпријатие „Браќа Поповиќ", од Скопје, кои имаат постојана автобуска линија . . . Освен патувањата по државниот пат, со автотакси можат да се прават излети во сите околни села, низ Подгорје до Лешочкиот манастир и селото Вратница под Љуботен или до бањата Хисар и понатаму по неизграденият бановински пат кои ќе ги врзува Тетово со Призрен . . .*[1226]. Целокупниот автобуски и такси сообраќај бил регулиран со посебен закон и правилник за работата на автотаксистите[1227].

[1220] Б. Арсиќ, Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 1.
[1221] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 37.
[1222] Б. Арсиќ, Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 1.
[1223] Petrović Rudolf, *Polog* . . .цит. дело, 56.
[1224] Глас Полога, Тетово, 09. 04. 1938, 4.
[1225] Драго Симовски . . . цит. извор, 02. 12. 2005; 10. 04. 2006.Меѓу првите таксисти во Тетово биле: Аце Цацар, Ѓиго Битанго, Чедо Ѓаљчето, Симо Црниот, Младен Кара, Коце Мечкарот, Александар Нушевски, Арсоски Метко (кој подоцна возел камион преадаптиран во Автобус), Гого Спасоски Фурнација, кој уште од 1922 година имал моторно возило *Опел* и со него работел како таксист на релацијата Тетово – Скопје – Тетово.Возачи биле и Атанас Стаматовски, Никола Г. Стамевски, Славко М. Василевски, Арсиќ Метко, Боривое Змејковски, Благоја Ќемане и др.Меѓу таксистите имало и неколку Турци.
[1226] Глас Полога, Тетово, Данашњи саобраќај Тетова, бр. 323, 03. 06. 1939, 3.
[1227] ДАРМ, Скопје, фонд бр. 1042, Претседателство на министерскиот совет на Кралството СХС, Белград, Централно прес биро, 10.49/346 - 3.

Во периодот меѓу двете светски војни, во Тетово, покрај неколкуте автомобили во сопственост на државните установи, како што се Општината (каде шофер бил Боевски Р. Милан), болницата, жандармеријата и сл. се појавуваат и автомобили во приватна сопственост. Првите сопственици биле побогатите граѓани на Тетово, како што бил Стојадин Димитријевиќ - Столе Ренто, Никола Момировиќ Банка, Благоја Ќемане и др.

Железничката пруга со тесен колосек (0,60 м.), на релацијата Скопје - Охрид изграден во времето на Првата светска војна (1916 - 1918)[1228], не ги задоволувало тогашните потреби на населението во овие краишта. Железничките услуги за транспорт на стоки биле поскапи од кирациските а и брзината на транспорт била исто така мошне спора за тогашните стандарди на железничкиот сообраќај. Теретниот транспорт најмногу се одвивал од јули до ноември кога се остварувале три четвртини од прометот во текот на годината а во зимскиот период, имало периоди кога воопшто не функционирал[1229], со што севкупно, овој транспорт бил малку конкуренген. Теретниот воз во Тетово бил наречен *амалски воз*[1230]. Тетовчани ги користеле и услугите на патничките возови на теснолинејката, кои можеле да пренесат многу патници но превозот бил доста спор во однос на автобускиот. Правците до Охрид преку Дебар и до Битола преку Кичево, во зимскиот период поради снежните наноси имале застој и по неколку дена. Многубројните барања на тетовските, трговци, занаетчии и индустријалци и ветувањата на претставниците на тогашната власт за железница со широк колосек, не вродиле со плод. Транспортот на патници се одвивал 4 пати дневно на релацијата Скопје-Охрид и обратно. Покрај оваа линија сообраќал уште еден воз од Гостивар до Скопје и обратно.

3.7 ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ

Во 19. век во составот на Османлиското царство постоеле различни облици на пренесувањето на поштата: турските сахии, печалбарските саици, татарската пошта, сарафите, суруџиските врски, комисионерските (трговски) пошти, странските пошти познати како левантска пошта и конечно државната пошта, која во Македонија е воспоставена во 40 -тите години на 19 век[1231].

[1228] Ристо Стефановски, Првиот воз, Пулс, Скопје, 23.01.2001. *Во раните зори на 17. јануари градскиот телал со барабан ги известил тетовските граѓани и граѓанки за пристигнувањето на првиот воз на новоизградената железничка линија. Во 11 часот претпладне пероно на станицата бил буквално претрпан со народ . . . Во 13 и 55 часот пристигнал првиот воз целиот богато накитен носејќи ги гостите генералот Илија Димитриев, помошник началникот на Македонската воено инспекциска област, полковник Протогеров и многу офицери инжинери, раководители на градбата на железничката линија. . . На пероно свештениците извршиле осветување, а потоа кметот на градот одржал краток но содржаен говор. . .*

[1229] Истото, 57.

[1230] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006.

[1231] Nikola V. Gulan, Glasničke veze i pošte na području Makedonije u prošlosti, PTT Arhiv, PTT Muzej, Beograd, br. 7, 1961, 5.

Меѓу првите пишани податоци за постоење на пошта во Тетово е оној на Ами Буе[1232] од 1839 година, што значи дека таа постоела години и пред тоа наречена со турскиот термин *мензулана*[1233], а патот од Скопје до Призрен преку Тетово истиот автор го споменува како поштенски пат[1234].

Поштенскиот сообраќај во Османлиското царство се одвивал со спори реформи и стар начин на работење и многу зависел од јавната сигурност во неговите одделени региони, квалитетот на патиштата, временските услови и истите биле пречка за развој на трговската размена. Токму реформата во поштенскиот сообраќај, осовременување на патната мрежа, изградбата на железница и воведување на телеграф во Европска Турција било од примарно значење. Поштата во Тетово, е осовремена во почетокот на 70 години на деветнаесеттиот век и вршела интернационална служба во ограничени размери, т.е. со некои од соседните балкански држави[1235]. Тогаш за прв пат се појавува и тетовскиот поштенски печат. На првиот жиг го пишувало турското име на градот без датирање. Следните жигови кои се појавуваат во деведесеттите години на 19. век и првите години на 20. век се со броеви кои означуваат датум и турскиот назив на градот напишан на старотурско и латинско писмо и тоа со називите Калканделен, Калкан - Делен и Калкан - Дере[1236].

Во периодот од 1900 до 1912 година тетовската пошта била сместена во близината на Горна чаршија. Л. Серафимов во својата книга за Тетово од 1900 година ја опишува местоположбата на Тетовската пошта: *Малку источно од чаршијата, во турското маало се наоѓа општинската зграда. тоа е големо двокатно здание со многу простории и широка*

[1232] Ami Boué, Inperiare dans la Tourqie d'Europe, t. I – III, Paris, 1854, 307. Според неговото пишување Тетово имало две чаршии или улици со продавници. Онаа од горното маало личела повеќе на муслиманска а во неа се наоѓала една крчма - ан, која истовремено служела и за пошта. (според преводот на Љубиша Монев, Скопје во записите на француските патници, (1800 - 1912), Огледало, Скопје, 1991, 82.

[1233] Katalog poštanskih maraka jugoslovenskih zemalja, Jugomarka, Beograd, 1991, 74 – 75. Се до 1839 година во Турција постоеле т.н. *Мензулани* кои ја имале улогата на пошти, така што Ами Буе во Тетово најверојатно видел една таква мензулана. Во 1839 година извршена е реорганизација на Османлиската империја (Гилхански хатишерив) и во почетокот на 1840 година е основано првото турско министерство на поштите. Во тие рамки во Македонија првата таква современа пошта е отворена во Битола во 1843 година а потоа и во Скопје во 1849 година. Во почетокот поштата била пренесувана од Татарите, суруциите (служители) и заптиите (полицајци). Првите жигови биле со елипсовиден облик со разни величини со текст *Анџаниби постал* (т.е. од поштата), со името на местото и годината на пуштањето во промет.

[1234] Ami Boué, Inperiare . . . цит. дело, 31.

[1235] Vladimir Fleck, Filatelija, Zagreb, 1964, br. 9, 172 – 175; Mirko Rušić, Turske pošte na području Jugoslavije, Prilog časopisu Filatelista, Beograd, 1974, 23; ДАРМ, Скопје, ф. бр. 722, Богојевиќ, трговци, Тетово,(1867 - 1918), АК – 1; Данчо Зографски, Одбрани дела, книга втора, Наша книга, Скопје, 1986, 381 - 383.

[1236] Vojislav Mićović, Srbija 1804 – 1918, istorija pošta i žigovi, Beograd, 2003. 369.

градина. Тука во истиот двор на одделени места се наоѓаат поштенската и телеграфската станица . . .[1237]

Во втората половина на ноември 1912 година, Македонија била окупирана од Србија, Бугарија и Грција. За почеток на работата на српските пошти во Македонија се зема датумот 05. 03. 1913 год. На жиговите до 1915 година на кирилица е напишано *Војна пошта Тетово*[1238]. За време на Балканските војни воспоставена е српска воена пошта која воедно имала и цивилна примена.

Во почетокот на ноември 1915 година кога со Тетово, како и со цела Македонија управувала администрацијата на новата окупациска власт на Бугарското царство[1239], тетовската пошта влегла во состав на Бугарската пошта, па во Тетово се употребувал бугарски поштенски жиг[1240].

Во периодот од 1912 - 1919, тетовската пошта го покирала теренот на градот и преку деведесет села на Долни Полог.

По завршувањето на Првата светска војна, Тетово заедно со вардарскиот дел на Македонија припаднал на Кралството СХС, во чиј состав се нашле и постоечките пошти од овој дел на Македонија.

Во дваесттите година на 20. век Тетово било поврзано со телефон, во 1937 година, бил отворен директен телефонски сообраќај со Романија [1241] , бидејќи најголемиот дел од тетовчаните печалбари се наоѓале во оваа држава, додека првата јавна телефонска говорница во градот е пуштена во употреба во 1939 година[1242].

По Втората светска војна, за првпат управата е превземена од Македонската пошта, која подоцна е вклопена во составот на ПТТ Југославија. Управник на поштата во Тетово по ослободувањето бил Јастре Јанчески.

Паралелно со државните пошти кои што функционирале во Македонија, народот негувал и имал своја незванична пошта која што има свои корени од појавата на печалбарството па се до крајот на Втората светска војна. Македонците во Тетово, услугите на државната пошта ги користеле во помал број. Најчесто тоа биле некои побогати граѓани, како

[1237] Л. Серафимовь, Тетовско и дейците по вѫздражението му, Пловдив 1900, 9.
[1238] Ал. Ј. Петровић, Српске војне поште и жигови, Филателиста, Београд, бр. 1, 1949, 4 -7; бр. 4, 84 - 88; Домашна архива на Бранислав Светозаревиќ од Тетово, збирка на отпечатоци на поштенски жигови од Македонија (1896 - 2000 г.).
[1239] Тетово и тетовско . . . 229 - 319.
Vojislav Mićović, Srbija . . . цит. дело, 415; Домашна архива на Бранислав Светозаревиќ, цит. фонд.
[1241] Глас Полога, Тетово, Отворен је телефонски саобраћај између Тетова и и Румуније, 01 и 08. 01. 1938, 3.
[1242] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 37.

трговците како и семејствата чии печалбари се наоѓале во подалечните земји. Додека печалбарите кои работеле во блиските балкански земји ги користеле услугите на ***сајџиите***[1243]. Тие не биле државни службеници. Тие со знаење и одобрение на турските власти ги посетувале печалбарите и од нив добивале поклон (*бакшиш*) во пари или друго. Подоцна била утврдена тарифа.

Сајџиите во облеката по ништо не се разликувале од своите сограѓани на местото на живеење. Единствено тие за време на работењето имале торба. Торбите биле ткаени од кострет или волна а само некои биле од јаречка или јагнешка кожа (тагар, тагарче). Торбите ги носеле преку рамо но биле цврсто врзувани преку грбот. Во торбата имале и тефтер во кој ги запишувале усмените пораки а на појасот имале мастилница со перо (дивит). За пренесување на поштата преку граница добивале посебни писмени права. Тие патувале пешки а ретки се оние кои позајмувале или имале свои коњи. Тие со себе носеле и дрвена палка за одбрана од кучиња и сл. Во опасните предели за патување, каде што имало качачки банди, сајџиите имале вооружена придружба од сејмени[1244].

Сајџиите во Тетово уште се нарекувале *сајџи,* а сајџија *сајџ*. Во градот имало неколку сајџи. Познати ни се Петре Џинле, потоа Ниќифор и др.

3.8 ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

3.8.1 БАНКИ

Принципот на здружување кај христијанското население во Македонија имало своја традиција уште од крајот на 18. и почетокот на 19. век. Тоа првобитно здружување било на чисто верска основа, кое го воделе еснафите или занаетчиите. Трабало да поминат речиси стотина години за да се појави здружување на чисто економска основа. Еден од основите на здружување на капитал е развојот на трговијата. Македонците во Тетово, како и во цела Македонија во втората половина на 19. век, економски зајакнувале. Реформите во Османлиската империја, во поглед на слободното занимавање на христијанското население со трговија и занаетчиство, овозможиле да кон крајот на тој век, речиси целата трговија во градовите да ја контролираат христијаните што довело до појава и на концентрирање на извесен капитал во нивните раце. За разлика од нив, богатите муслимани живееле од рентата, а посиромашните се занимавале со земјоделие или со некои полесни занаети[1245]. Така, меѓу другото, во овој период постоеле 20 дуќани кои се занимавале со позајмување, во Тетово

[1243] Бранислав Русић, Сајџије у Македонији, Годишен зборник, Филозовски факултет на Универзитетот во Скопје, книга 3, Скопје, 1950, 3 - 12. Зборот сајџија има арапско потекло од зборот *са'и* што значи човек кој пренесува пораки, односно гласник.
[1244] Истото.
[1245] Мил. Р. Гавриловић, Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопље, 1931, 5 - 7.

познати како *сарафи*. Каматата била висока и тоа еден динар месечно на еден наполеон. Неколку години пред тоа каматата била два српски динари на една лира месечно[1246]. Ваквите позајмувања со високи камати особено ги користеле печалбарите. А приливот од 25.000 наполеони годишно од печалбарите во Тетово, го потикнувал развојот на градот, банкарството и особено изградбата на скапи, за тоа време, семејни куќи. Меѓу сарафите се наоѓале најбогатите граѓани: Петре Кочовски Цинле, Александар Јовановски (Сане Јајчар), Крсто Спирић, ТодоровскиХ. Софроиј, Васо Ристовски, Серо Ристовски, Славко Ристовски, Јован Трпковски, Александар Пановски, Томо и Чедо А. Х. Серафимовски, Томе Серафимовски, Стефан Лешко, Атанас Закоски (Ацо Сараф), Михајло Богојевиќ (Миле сараф), Душан М. Богојевиќ, Стеван Нешковски, Славе Софронин, Сане Дивкоњ, Гого Јаневски, Серафим Ристоски, Тримче Матовски, Јован Кочовски Јагуре, Јован Котевски и др. Некои од овие сарафи, ќе бидат во триесеттите години на 20. век основачи и акционери на тетовските банки. и др. Тие покрај лихварството имале и други свои занимања. Но богатењето на мал број луѓе сарафи, било на сметка на големиот број печалбарски семејства во градот. Имено, печалбарите, пред одењето на печалба се задолжувале кај сарафите со 20 – 30 лири, и додека тие работеле во странство, лихварите им давале пари на заем за издршка на семејствата на печалбарите. По враќањето на печалбарите парите на заем со високите камати биле исплаќани на лихварите[1247].

Хаџи Васиљевиќ, во 1909 година во Тетово видел дека за еден грош, лихварите наплатувале по три пари и 3 до 4 металици (15 - 30 тогашни српски динари) неделно за еден златен *наполеон*. Со лихварство во Тетово се занимавале само Христијаните[1248], а нивниот број не бил мал[1249].

Во Тетово, кон крајот на 19.век функционирала испостава на **Зираат (земјоделска) банка** со седиште во Цариград, која работела успешно[1250]. Но во оваа испостава на банката немало капитал на хрисијанското население, ниту ги користеле нејзините услуги. Со султановиот декрет од 1905 година, било дозволено, здружување по еснафи со право на собор[1251]. Првото ***Акционерско друштво за штедење*** во Тетово е основано во јануари 1909 година[1252]. Негови основачи биле тетовчаните Алекса Настов, Стефан Настов, Томо Спиров, Васил Настов, Анастас Спиров и Глигор Јованов. Касиер на штедилницата бил Тома Спиров.Во 1911 година основана е ***Српскатетовската задруга,*** со цел, покрај горенаведената

[1246] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 278.
[1247] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981, 140.
[1248] Јован Хаџи Васиљевиќ, По тетовској . . . цит. дело, 18.
[1249] Ив. Серафимов, (Описание на Тетово), од 05. 08. 1907 г., Етнография на Македони, извори и материали в два тома, том 2, БАН, София,1992, 64.
[1250] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 524 – 525.
[1251] Истото, 15. Ваквата шанса најдобро ја искористиле еснафите од Скопје кои формирале свои мали парични друштва: меанциите, кафтанциите, терзиите, кројачите, земјоделците и др. (ст. 16 - 17).
[1252] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 817, Настев Стефан, трговец, Тетово, (1908 – 1914), Статут на акционерското друштво за штедење во Тетово од 01. 01. 1909 г..

причина,да се заштити сиромашното население од претерано високите камати на лихварите[1253]. Претседател на Управниот одбор бил Андре Богојевиќ, книговодител бил Петар Димитријевиќ а благајник Василије Хаџи Галиќ[1254]. Тетовската задруга, со почетен капитал од 60.000 динари, давала зајмови со 9% и 7%, комисион, а покрај тоа примала и пари за штедење и издавање во отворени сметки, вршела и менувачки и други дејности.

Меѓу двете светски војни, се создале услови за формирање на банки кои ќе бидат носители на развојот на стопанството. Во 1922 година, формирана е ***Тетовската трговско-индустриска банка***, со почетен капитал од 1.000.000 динари[1255], која работела како акционерско индустриско друштво, со цел да го унапредува домашното производство, трговијата и индистријата, банкарството, градежништвото и штедењето[1256]. Банката меѓу другото, ги вршела и следните функции: учествувала и посредувала во отворањето на акционерските друштва, работела на увоз и извоз за домашните трговци, ги кредитирала трговците и индустријалците и им отворала тековни сметки во банките во земјата и странство, вршела чековна и уплатничка дејност како и сите банкарски и менувачки работи, вршела експедиција на стока, примала финансиски средства на штедење и работење со хартии од вредност, експедиција на стока и ги вршела сите трговски дејности, како и приемна пари за штедење со камата, како и хартии од вредност[1257]. Во 1927 година оваа банка го зголемила својот капитал на 2.000.000 динари, а во 1928 година на 4.000.000 динари[1258]. Членови основачи[1259] на оваа банка биле: Ал. Богојевиќ, Сима Ил. Штаклев, Симо К. Момировски, Гого Трпчевски, Ѓорѓе Лешковски, Никола Гоговски, Садик Рецеб, Џафер Сулејмани, Ст. Лешковски, Крсто Лешковски, Татеос Кандикјан, Теодосие – Тевдо Крстовски.

Во 1930 година во Тетово е основана уште една банка како акционерско друштво. Банката го носела името ***Тетовска кредитна банка***, која нудела краткорочни кредити на стопанствениците, земјоделците, трговците, занаетчиите од Горни и Долни Полог[1260]. Банката работела и како штедилница на слободните парични средства на граѓаните, отворала тековни сметки, зајмови врз гаранција на стока и хартии од вредност, увоз и извоз на стока на сметка на

[1253] Истото; Глигор Тодоровски, Прашањето за економската пенетрација на големосрпската пропаганда во Македонија пред балканските војни, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2 – 3, 1979, 89 – 93.
[1254] Глигор Тодоровски, Документи за навлегувањето на големосрпската пропаганда во стопанството на Македонија по Илинденското востание, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1980, 174.
[1255] Мил. Р. Гавриловић, Развитак банкарства . . . цит. дело, 23.
[1256] Правила Тетовске трговачко-индустријске банке, Беогеад, 1929, 1.
[1257] Истото,2.
[1258] Истото, 25; Активата на оваа банка на 31. 12. 1929 година била следна: благајна - 715.035, менници - 1.919. 853, заеми за залози 556.997, тековни сметки - 5.036.074, недвижности - 779.710, стока - 66.565, хартии од вредност - 391.689 и останата актива - 126.628 дин. Пасива: уплатен капитал - 1.500.000, постојани резервни фондови, останати резерви - 86.216, влог - 4. 025.840, тековни сметки - 1.074.161, реесконт - 2.075.605, останата пасива - 113.317 и приход - 1.603.782 динари. (според табелата во истата книга)
[1259] Правила Тетовске трговачко . . . цит. док., 19.
[1260] Правила Тетовске кредитне банке у Тетову, Скопље, 1930, 1.

увозниците и извозниците и изнаоѓала пазари и посредувала кај истите за постигнување на што подобра цена и поповолни услови[1261]. Ова акционерско друштво започнало да работи со почетен капитал од тогашни 2 милиони динари, а акционери биле познати тетовски занаетчии и трговци и индустриски сопственици.

Интересно е што за првпат во Тетово е организирано и детско штедење во Тетовската кредитна банка, за кое биле отворени 50 сметки за штедни влогови и исто толку челични касички, со втиснато име на банката.

Основачи на Тетовската кредитна банка биле: Тома Стошиќ, Ѓорѓе Лешковски, Милан Стефановски, Симо Максимоски, Душан Фидановски, Милан Серафимовски, Ѓорѓи Цветаановски, Димит. К. Јовановски, Томо Михајловски и Тодор Васоски[1262].

Покрај овие тетовски банки, во градот работеле и експозитури на познати банки од државата. Една од нив била филијалата на *Извозна и прометна банка* во Тетово, која функционирала од 1921 – 1941 година[1263].

3.8.2. КРЕДИТНИ ЗАДРУГИ

Во периодот меѓу двете светски војни во градот се развива кредитното задругарство како форма за заштита на финансиските интереси на осиромашеното граѓанство. Кредитните задруги се формираат во рамките на различните сталешки здруженија.

Занаетчискот задругарство во Тетово се појавува во 1926 година, кога е формирана ***Занаетската задруга за кредит и штедење***[1264]. Оваа Задруга одиграла значајна улога во помошта на занаетчиите од пропаст на кои им се заканувала опасност од големо задолжување со високи камати во банките, дури им исплатувала средства за враќање на долговите кон овие заводи. Задругата во Тетово помогнала на занаетчиите во проширувањето на обемот на производство и негово осовременување. Во 1936 година, решено е од страна на Управата, чистата добивка на Задругата за 1935 година од 10.615 динари да се вложи во резервниот фонд и фондот за подигање на Задружниот дом[1265]. Во Задругата се зголемил и обемот на штедење. Каматната стапка на штедачите била 4%. Во 1938 година Задругата имала 104 задругари. Секретар и благајник на Тетовската занаетчиска задруга бил Ѓоко Михајловиќ. Занаетчиско-набавната потрошувачка задруга во 1933 година имала 125 задругари со стални заштеди од 272.055 дин., резервни фондови од 62.029 дин и обично штедење од. 68.251 дин.

[1261] Истото, 2.
[1262] Истото, 20.
[1263] ДАРМ, Скопје, Извозна и прометна банка, Ф. Бр.376, 1921/1941, кн. 2.
[1264] Ѓока Михајловиќ, Занатство и задругарство, Глас Полога, бр. 272, 11.06. 1938, 3 - 4; бр. 273, 18. 06. 1938, 2 - 3.
[1265] Глас Полога, Тетово, бр. 154, 07. 03. 1936, 3.

Дејноста на Занаетчиската кредитна задруга била прекината во 1941 година поради Втората светска војна, а званично истата била ликвидирана во 1949 година, бидејќи истата не ја продолжила својата дејност ниту по војната[1266].

Во улога на заштитник на тетовската младина од осиромашувањето се појавува ***Тетовската младинска задруга за кредит и штедење***, формирана во 1933 година[1267] со цел, преку штедење и кредит да се организира самопомош. Иако располагала со скромни средства, Младинската задруга успевала на своите задруги да им пружи помош со позајмувања и на крајот од годината да подели заработувачка од каматата. Како претседател на Задругата во 1937 година се споменува Атанасије Спирић, а бројот на задругарите бил преку 50[1268]. Следната година нивниот број се искачил на 85[1269]. На Петтото редовно собрание во 1939 година, констатирано е зголемено штедење од околу 300%[1270]. Поради успешното работење, таа година , членовите на Задругата поделиле 4 % дивиденда[1271].

Тетово било седиште и на ***Околиската учителска задруга***[1272], која како таква ги штителa интересите на учителите во тетовската околија, како и ***Задруга на државните службеници за набавка и кредит***, основана во ноември 1935 година[1273].Бројот на задругарите во март 1937 година достигнал до 108, биле поделени 48 зајмови, а Задругата ја проширила својата работа и во Гостивар, каде што на основачкиот состанок присуствувале 50 службеници [1274] . Во 1940 година формирана е ***Набавувачка задруга на државните службеници СОЈ.*** Задругата работела на набавка на животни намирници и многу други потреби со поволни кредити[1275].

Во периодот по Втората светска војна, банките биле национализирани а задругите биле прекинале со својата работа уште за време на војната.

Во Тетово во дваесеттите години на 20. век се појавуваат и застапниците на големите ***осигурителни компании:****Шумадија, Југославија,Лојд*[1276] и *Росија Фонсиер*[1277], чиј застапник

[1266] ДАРМ, Скопје, Врховен суд Скопје, 18/49.
[1267] Глас Пологa, Тетово, Омладинска задруга у Тетову, бр. 150, 08. 02. 1936, 4; Истото, бр. 287, 13. 03. 1937, 3.
[1268] Б. Ј. Омладинци-задругари из Тетова на Љуботену, Глас Пологa, Тетово, 17. 07. 1937, 3; Глас Пологa, Тетово, 13. 03. 1937, бр. 287, 2;
[1269] Јужна Србија, Скопље, Омладинска задруга за кредит и штедњу у Тетову дели својим члановима 4 од сто дивиденте, бр. 60, 27. 03. 1939, 5.
[1270] Глас Пологa, Тетово, Скупштина омладинске задруге за кредит и штедњу у Тетову, 26. 03. 1938, 3.
[1271] Јужна Србија, Скопље, Омладинска задруга . . . цит. статија.
[1272] Глас Пологa, Тетово, Скупштина учитељске кредитне задруге у Тетову, 20. 03. 1937, 4.
[1273] Глас Пологa, Тетово, 13. 03. 1937, бр. 287, 2;
[1274] Глас Пологa, Тетово, бр. 207, 13. 03. 1937, 3.
[1275] Глас Пологa, Тетово, бр. 358, 09. 03. 1940,2.
[1276] Божидар Васовски . . . цит. извор,
[1277] Глас Пологa, Тетово, бр. 175, 01. 08. 1936, 3.

бил познатиот тетовски кројач и претседател на Занаетчиското здружение во градот Илија Симовски Бизмарк.

3.9 УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ

Угостителството како занимање во Тетово постоело уште во средниот век. Тоа се дознава од Душановиот законик, каде што точно се определува улогата на хановите и дејноста на анџиите[1278]. Потребата од анови и каравансараи во турскиот период била голема и незаменлива за извршување на трговските односи, за што постојат доста извори кои укажуваат дека и Тетово, како центар на Полог располагал со ваков тип на угостителски објекти.

Еден од најраните записи за анови и каравансараи во Тетово во 19. век е оној на Ами Буе, кој опишува дава такви објекти во Горна и Долна Чаршија. За првиот пишува дека бил распаднат и во него имало и пошта и го нарекува *кафе-ан.* За вториот запишал дека е еден голем двор опкружен со соби за спиење на приземје и кат и дека низ него поминувал поток кој носел свежина[1279]. Потокот всушност бил еден од тетовските јазови.

Сопствениците на ановите и каравансараите, наречени *анџии*, биле воедно и нивни управители и раководеле со сите работи: примале гости, ги сместувале, нуделе храна наплатувале за направените услуги, ги контролирал помошниците и им давал работни задачи, вршел набавка на вино и ракија, обезбедувал огрев, храна за коњите, одговарал за примената стока на чување за време на престојот и т.н. Во ановите биле ангажирани речиси сите од семејствата на сопствениците.

Помошниот персонал, наречен *момоци* или слуги, ги чистеле одаите и коњушниците, носеле храна, правеле ситни услуги на гостите, им помагале за товарење и растоварување на коњите и др. Во некои анови имало и налбати, ковачи а во последно време и бакали.

Во Тетово, кон крајот на 19. и почетокот на 20. век, имало 10 анови:1. *Синџирли ан* се наоѓал во центарот на градот - *на Бунар,* кај денешниот паркинг[1280]; 2. *Поречки ан*, во центарот на градот на раскрсницата до денешниот хотел *Македонија.* Негов сопственик бил Јован Поречки, а потоа неговиот син Трајче Пореч или Трајче Бајрактар Цветановски. Во него најмногу престојувале селаните од Поречието, кои носеле свои производи од тој регион и купувале намирници за домашни потреби; 3. *Призренски ан* се наоѓал во Горна Чаршија. Во него престојувале најмногу патниците и трговците од Призренско на Косово; 4. *Тевдов или Вратнички ан,* се наоѓал на денешната улица *Страшо Пинџур.* Во триесеттите година на

[1278] Б. Арсиќ, Значај туризма . . . цит. дело, 54 - 55.
[1279] Снежана Станинска Поповска, Ами Буе . . . . цит. дело, 121 - 122.
[1280] Спроти објектот кој ја менувал својата намена: прво на некогашниот хотел *Југославија*, потоа ресторан *Ловец*, или денес спроти објектот во кој се наоѓа *Про-кредит банка.*

20.век, анот е претворен во кафеана *Бело Јагње*. Анот го посетувале селаните од подљуботенските села; 5. *Теаречки*, се наоѓал на денешната улица *Страшо Пинџур*, позади *Стара Пошта*. Припаѓало на семејството *Аџи Серафимовци*, од с. Теарце. Тука најчесто навраќале селаните од Теарце и околните села во Подгор и Поселие; 6. *Лешочки ан* се наоѓал на улицата *Страшо Пинџур*[1281], во некогашна сопственост на Лешочкиот манастир *Св. Атанасиј*. Во него најмногу навраќале луѓе од селата кои гравитираат околу манастирот, во Подгор и Поселие; 7. *Лизгаров ан,* се наоѓал на денешната улица *Тодор Ципоски Мерџан*[1282] припаѓал на семејството Лизгаровци од с. Лешок; 8. *Дајљов ан*, се наоѓал, на улицата *Илинденска*[1283].Сопственик на анот бил ДаиљДабевод Тетово, со неговото семејство; 9. *Јанчев ан* го споменува Радивоје Богојевиќ[1284], во кој често одел, истражувајќи го тетовскиот говор, но не е сигурно дали се работи за некој од претходните анови или е посебен; 10. *Анот на Заковци* од семејството Заковски кој се наоѓал на ул. *И. Л. Рибар*, до куќата на Петре Цинле. Подоцна, анот бил претворен во меана.

Тетовските меани, крчми или кафеани ги имало низ целиот град, но најмногу во двете чаршии. Во изворите и во сеќавањата на тетовчаните се среќаваат и се споменуваат кафеаните: *Локанта – една од првите кафеани, Шар Отеу, Бела Кафана, Америка, Јанчев Ан, Последњи Грош, Бело Јагње -меана, Шарено кафе – крчма, Бомбај – меана, Бар Биоскоп (прв затворен простор во кој се одржувале кино –проекции, Меаната на Заковци (во која се наоѓал првиот билијард во градот), Балкан – кафеана, Безистен – кафеана, Црна Мачка – кафеана, Паталеа Кафеана и др.*

За прв хотел во Тетово се сметал, хотелот на Томо Закоски. Тој хотел, според своите карактеристики бил мошне специфичен и претставувал една комбинација од ан и хотел, прилагодувајќи се на специфичните услови на османлиското живеење и времето кое надоаѓало. Хотелот работел во периодот од 1908 до 1922 година. Во однос на некогашните анови, овој објект имал големи квалитативни промени. Во приземјето имало просторија за гардероба, а во задниот дел се наоѓале две штали за коњите и чезите на гостите. На првиот кат имало ресторан со кујна. На вториот кат биле собите за преноќување. Над вториот кат имало голема таванска просторија, која претставувала салон за забави. Од тука преку спирални скали се одело во една посебно издадена просторија над кровот од хотелот, наречена *баџа* во вид на шестоаголник. Во оваа просторија имало коцкарница, со прозори на сите страни и прекрасен поглед кон сите делови на градот и Балтепе. Мебелот бил изработен во длабока резба и со седеф, а прозорските

[1281] На местото на семејната куќа на семејството Евчески. Тој ан бил сопственост на Лешочкиот манастир, кога во триесеттите години, преку лицитација, манастирот го продал како нерентабилен на д-р. Глигор Евчески.
[1282] Кај кафеаната *Матранч*.
[1283] Меѓу денешниот хотел *Македонија* и новата Стоковна куќа.
[1284] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/1627, Радивоје Богојевиќ, Тетовски дијалект.

стакла во разни бои. Како дополнителна естетска содржина, во дворот имало шадрван во кој имало златни рипки, потоа низ дворот шетале пауни, една антилопа, а во кафези се чувале украсни гулаби. За потребите на овој хотел имало и чеза и пајтон, а персоналот (ашчии) биле сместени во посебен објект[1285].

Кафеанции, меанции, анции, ракиции, подрумции, ќебапчии.

Кафеаните биле неминовен сегмент од градското живеење. Но имало такви меани кои работеле, заедно со чаршијата и кога се затворале другите дуќани, се затворале и тие[1286].. *Македонците од чаршијата и јабанџиете јаделе у анои а Турците у авчилници*[1287]. Некои работеле преку цел ден и ноќ. Во меаните работеле келнери – *изметчии*[1288]. Овој еснав го славеле *Св. Трифун*[1289].

Во градот постоело *Здружение на меанции и угостители*, кое било член на поголемите асоции во Кралството Југославија и се грижело за подобрување на статусот на овој еснаф[1290].

Туризмот како организирана стопанска гранка во Тетово се појавува во почетокот на триесеттите години на 20. век, иако тетовскиот крај како интересен за туристите бил забележан

[1285] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 39.

[1286] Александар Велјаноски . . . цит. извор, 04. 10. 2006.*Било сиромаштија. Ка чирак сум почнал од десет године, прво кеј Младен Лепур Чајџија, кафе, раќија. Стануев рано и идев у дуќан, ќе чукнем и ќе отвори Лепур. Тој свекое сабајле се клањаше на колена – се молеше и се прекрстуеше. Ќе почистим дуќанот и ќе почна дуќанџијете – самарџие, бојаџие, тишлери, сарафи, ќе наручуа кафе, чај. Ќе викна, ја ќе носим со табака и со темишур (креда), ќе запишуем реџке на нивните врате и когај ќе се собера појќе ќе плата. Чајот смо го праеле у посебни судои на ќумур*

[1287] Драго Симовски . . . цит. извор, 26. 02. 2007.

[1288] Истото, 15. 08. 2007.

[1289] *Меанции*: Ацо Аврамовски Јогун, Глигур Алексоски, Симо Ацески, Коста В. Божиновски Коце Меанџија, Јордан Божиновски Шишко, Томо Васоски, Гавров Георги, Коста Дамјановски, Младен Дајљов, Диме Дабевски, Мино Дабевски, Даиљ Дабевски, Божин Илиевски, Ристо Костов Сичан,Јован Матовски, Тодор Матовски, Коста Марковски, Тоде Меанџија, Ѓорѓија Младеновски, Рафе Газдиче, Коце Требош, Зако Наумчевски Меанџија (го работел анот во Групчин), Гашо Нофовиќ, Петре Чолак, Младен Лепур, Симо Крстоски, Тодосија Андревски, Симо Х. Димовски, Богдан Ристовски, Стефан Софрониевски (Стеван Јадипаре),Стојче Стефчевски, Блаже Стојчевски, Ставре Стаменковиќ, Јанко Смилески, Пано Серафимовски, Тодор Стојчевски, Стојан Стојановски, Симо Илиевски Шикла, ***Кафеанции:***Аџи Томо В. Костоски, Сане Црна Мачка, Александар Митрушевски (Сандрија Митруш), Никола Велешанин, Мане Заков, Анте Х. Момировиќ, Наце Х. Ѓиговски, Томо Трајковски, Чедомир Томоски, Миленковски Ѓорѓе, Марковски Коста, Божиновски Косто (Коце Бело Јагне), Аранѓел Белака, Алимпие Белака, Видојко Крстиќ, Божин Велјановски, Божин Несторовски, Лазо Николовски, Филип Филиповски, Алеко Н. Скаловски, Кузе А. Скалоски, Страшо А. Скалоски, Никола Ѓ. Стојановиќ, Ристо Костов Сичан, Чедомир Томиќ и др. ***Ракиции:*** Антонов Х. Георги, Нофов Гашо, Стојановски Никола и др. ***Подрумции:*** Тодор Стојчески, Славко Петровиќ, Павле Живадиновиќ, Ѓорѓе Младеновски, Наце Х. Глигориевски и др.

[1290] Глас Полога, Тетово, бр. 236, 12. 03. 1938, 4; Глас Полога, Тетово, 27. 03. 1937, 3.

уште многу пред тоа[1291]. Во Тетово, се наоѓало и седиштето на Здружението на угостителите за Тетово и срезовите Долнополошки, Горнополошки, Кичевски, Дебарски и Галички, кое одржувало свои годишни собранија на кои се резимирале успесите и проблемите и се носеле одлуки за нивната понатамошна работа[1292].

Атрактивноста на овој крај најмногу се должи на неограничените можности кои ги нуди Шар Планина[1293]. Природните богатства привлекувале многу луѓе од странство, научници[1294], патеписци, авантуристи, новинари но и туристи. Сепак, до почетокот на дваесеттите години, Шар Планина била *царство на пљачкосувачки банди*, за да веќе од средината на оваа деценија започнат поинтензивни планинарски искачувања и скијачки активности[1295].

Природните убавини на овој крај не биле доволни за тоа. Но кон крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години, патните правци од Скопје до Тетово и од Тетово до Гостивар биле во мошне подобра состојба од претходниот период. Автобуската линија на автопревозното претпријатие на браќата Поповиќ од Скопје а со потекло од Тетово, ја нуделе до тогаш најредовната и најбрза сообраќајна линија. Функционирала и железничката линија на истите правци со теснолинејната пруга, која е изградена, за време на Првата светска војна[1296].

[1291] И во рамките на некогашното Кралство СХС, се смета дека туризмот како стопанска гранка се појавува во периодот по Првата светска војна, а на негово систематско унапредување започнало да се работи дури од 1923 година. Б. Арсиќ, Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 5.

[1292] лас Полога, Тетово, Скупштина Угостительског удружења, 27. 03. 1937, 3.

[1293] Влатко Андоновски и Драги Поп-Стефанов, Физибилити студија за основање на национален парк од македонската страна на Шар Планина, Балканска фондација за одржлив развој, Скопје, 2006; Душан Кривокапиќ, Шар Планина, Туристичка Штампа, Београд, 1969; Живко Стефановски, Шар Планина, Полог, Тетово, 1981. Непрегледните, природни скијачки терени, кои преку лето претставуваат пасишта со вкупна должина од 80 км. Тие се распространети на триесетина гребени на кои се извишуваат преку 20 врва со над 2000 м. надморска височина. Вкупно има 39 глацијални езера од кои 27 се на македонска територија. Повеќе речни водотеци од кои една е и реката Пена, која поминува и низ градот Тетово. Со исклучително богата фауна и флора од кои се издвојуваат и повеќе ендемски видови.

[1294] Влатко Андоновски, Драги Поп-Стојанов, цит. дело, 5. Првите научни истражувања на Шар Планина отпочнуваат во 1836 и 1837 година со искачување на Ами Буе на Кобилица и А. Гризебах на Љуботен во 1839 година. Подоцна голем број геолози биле вклучени во истражувањата (Ј. Зујовиќ, во 1891, В. Петковиќ во 1900 и Ф. Нопска во 1905 и, географи (Ј. Цвијиќ во 1891, 1901, 1902, 1903 и 1911, како и неговите студенти Р. Николиќ во 1912, Т. Смилјаниќ во 1929, и З. Милојевиќ во 1937 година) и ботаничари (И. Дофлер во 1890, Л. Адамовиќ во 1905, Л. Алфелбек во 1905, Н. Косанин во 1912, 1921, 1924 и 1925, Ј. Бомилер во 1925, 1926 и 1928, и Рудски во 1934 и 1936, како и И. Хорват од 1935 до 1939, 1949, 1960 и 1974.),унгарскиот ботаничар д-р. Јене и група германски метеоролози и лекари во 1937(Глас Полога, Тетово, бр. 227, 07. 08. 1937, 3.); Глас Полога, Тетово, У смучарском дому на Поповој Шапки боравиће око 20 немачких лекара, 07. 08. 1937, 3.

[1295] Боро Јосифовски, Некадашње царство качака – данас смучарски центар, Борба, Београд, 12. 02. 1956, 7.

[1296] Историја на железниците во Македонија, 1873 - 1973, Скопје, 140 - 141; Герасимова Виолета, Полог и неговото поврзување со железница до Првата светска војна, IV Научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно - културни собири, Тетово, 1978, 117.

Во Тетово се наоѓало седиштето на *Угоститeлското здружение* за Тетово и околиите Долнополошка, Горнополошка, Кичевска, Галичка и Дебарска[1297].

Првото туристичко друштво *Југ* во Македонија е формирано во 1927 година во Скопје. Еден од основачите е и Орестије Крстиќ, кој во тој период, службено се префрлил од Тетово во Скопје. Тоа секако повлиаело во идните години на Шар Планина да се подржи идејата за изградба на два планинарски дома од страна на тетовските и скопските планинари и скијачи. Во првите години ова друштво немало некои забележителни резултати поради малиот број на членови и недостатокот на финансиски средства. Но во 1929 година со формирањето на Вардарска бановина со седиште во Скопје и со откупувањето на дел од акциите на туристичкото друштво *Путник*, друштвото *Југ* ја превзело контролата врз филијалата во Скопје а финансиската моќ на истото драстично се подобрила.[1298] Друштвото некаде во 1935 година се претвора во Туристички Сојуз со цел да ја прошири туристичката дејност во другите градови на Вардарска Бановина[1299]. Така се формирани секции на овој сојуз меѓу кои и Туристичкото друштво *Шар Планина* во Тетово. Во негова организација, тетовчаните имале можност да учествуваат во туристички патувања во сите позначајни градови, манастири и летни туристички центри низ Македонија, Косово и јужниот дел на Србија[1300]. За своите туристчки тури друштвото печателo свои проспекти. Инаку ова Друштво, освен како туристичко, во весникот *Глас Пологa*, фигурира и како скијачко и планинарско друштво. На своите членови друштвото им нудело набавка на скијачка опрема со попуст како и книга за скијањето. За развојот на туризмот со свои коментари учествува и весникот Глас Пологa[1301].

За да се развијат овие локални друштва се пристапило со изградба на планинарски домови и во првата половина на триесетите години се планинарскиот дом на Љуботен во 1931 година, вториот на Кајмакчалан во 1931 година и третиот на Попова Шапка во 1934 година[1302].

Откако се изградиле неколку планинарски домови во Македонија, Туристичкиот сојуз *Југ*, пристапил кон подготвување на туристички пропагандни материјали, односно проспекти

[1297] БоројосифовиЋ, Тетовске новости, Вардар, Скопље, бр. 127, 10. 10. 1933, 1 – 2; Глас Пологa, бр.103, 16. 03. 1935, 2.
[1298] Орестије Крстић, Туризам, Споменица Двадесетпеттогодишњице Јужне Србије, Скопље, 735 - 736.
[1299] Глас Пологa, Тетово, бр. 204, Туризам Јужне Србије, 20. 02. 1937, 4.
[1300] Истото, 03. 08. 1935, 4; Бора Јосифовић, Док су врхови још покривени дебелим слојем снега, у Карањиколичком језеру на висоравни Шаре купају се туристи,Време, Београд, 02. 07. 1935; Истото, бр. 113, Духовски излет Туристичког друштва *Шар Планина* за Призрен, 25. 05. 1935, 4; Истото, бр. 120, Излет туристичког друштва Шар Планина за Галичник, 13. 07. 1935, 3; Истото, бр. 125, 03. 08. 1935, 4.
[1301] Глас Пологa, бр. 173, 18. 07. 4; Истото, бр. 174, 25. 07. 1936, 1.
[1302] Истото, 736 - 737.

на кои свое место нашле и природните убавини и планинарските домови на Шар Планина. Тие биле печатени на повеќе европски јазици[1303].

Во меѓуврме, Во Тетово никнуваат три убави и модерни хотели: *Београд, Југославија и Јадран*. Овие сместувачки капацитети ги задоволувале тогашните стандарди и Тетово го претвориле во интересна појдовна точка за планинарско-скијачките места на Шар Планина, но и за неколку дневна посета на градот кој во тоа време претставувал интересна туристичка дестинација со повеќе атрактивни историски и културни и верски објекти, старата тетовска архитектура, атрактивната и богата со содржини околина на реката Пена, блискиот Лешочки манастир и сл. за што и самите граѓани биле свесни[1304].

Видните резултати на работата во овој правец имаа влијание врз зголемениот развој на скијањето и планинарењето во Македонија. Попова Шапка со своите скијачки терени, мошне брзо станала популарен скијачки центар во Кралството Југославија. Секоја зима бројот на скијачите, забележително се зголемувал, па покрај скијачите од Тетово и Скопје, се почести гости биле и скијачите од Србија, Хрватска и Словенија. Планинарскиот дом до 1941 година, уште два пати се проширувал, добил, струја, телефон, радио и метеоролошка станица[1305].

Кон крајот на триесеттите години, општина подготвувала планови за изградба на хотел покрај изворите на минерална вода во месноста Бањиче[1306]. Приватните викендички во оваа месност, започнале да се издаваат за престој на посетители од други градови, такви биле оние на Михајло Спировски, Младен Галевски и т.н.[1307]

За време на Втората светска војна туризмот замира за да после војната, повторно започнува обновата на П. Шапка, а со тоа се возобновува туризмот како стопанска гранка во Тетово.

По Втората светска војна, туризмот во градот, во периодот од 1945 – 1950 година, бележи скромен но постојан раст. Главен носител на туризмот станува туристичкиот центар Попова Шапка, кој во овој период располагал со два поголеми капацитети и тоа планинарскиот дом и воениот дом. За зголемувањето на посетите на Попова Шапка, покрај популарноста која овој центар ја имал уште пред Втората светска војна, свој придонес дале проширувањето на споменатите капацитети, градењето на првата жичарница од П. Шапка до Церипашина,

---

[1303] Истото, 737; Архива на Планинарски клуб *Љуботен*, Тетово; Фото збирка наБранислав Светозаревиќ.
[1304] Сима Петровиќ Јогун, Шта треба туриста да види у Тетову и његовој околини, Глас Полога, бр. 231, 28. 08. 1937, 1; Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело, 37 – 39;
[1305] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, Боро Јосифовски, новинар, АК – 3, новинси исечок: Планинске куќе на Поповој Шапки и Љуботену добиле су модерне метеоролошке станице; Бора Јосифовиќ, Дали Тетово има услове за туризам, Вардар, Скопље, 02. 10. 1934, 2.
[1306] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 2, Градско Поглаварство, АК – 3, (несреден).
[1307] Глас Полога, Тетово, 10. 09. 1938, 3.

организирањето на републички, сојузни и меѓународни скијачки натпреварувања, како што е Шарпланинскиот куп (од 1947 год.), изградбата на првата скијачка скокалница (1947 г.) и др.

Во градот, работел само еден хотел од оние три пред Втората светска војна, кој имал 20 соби и 36 легла. Во 1949 година остварил 7.391 ноќевање. Бројот на домашните туристи таа година изнесувал 4.475 и 186 туристи од странство[1308]. Во градот постоел и еден ресторан за 160 гости и две мензи со капацитет за 90 гости.

Во извештајот на Комитетот за туризам и угостителство на Владата на НР Македонија се вели дека Тетово е пријатно климатско место и почетна точка за Попова Шапка и Љуботен. Самиот град располага со околу 50 легла а туристичкиот дел на Попова Шапка со 160 легла и планинскиот дом на Љуботен со 20 легла[1309].

[1308] ДАРМ, Одд. Тетово, Собрание на општина Тетово, АК – 15, 15/49.
[1309] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 159, Претседателство на Влада на НРМ, Скопје, АК – 57, 39/ 113 – 118.

Page 241

ГЛАВА IV

МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА

4.1 ТОПОГРАФСКИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ ТЕТОВО

Во развојот на Тетово како градска населба со неговите маала и целокупниот изглед влијаеле повеќе фактори: општествениот развој, етникумите, конфигурацијата, геогравската положба, војните и др. Тетово како населба во својот девет вековен историски развој ја среќаваме како село, манастирско место, панаѓурско место, град, седиште на епископија, седиште на пашалак, седиште на каза, седиште на општина, седиште на околија, најголем административно – економски центар на северо-западна Македонија, стратешко утврдување, културен центар и мултиетничка средина. Сите овие фактори оставиле свој печат на изгледот на градот. Топографијата на градот од неговите најрани почетоци во средниот век па до денес кои во својата суштина не се менувале укажува на доминантноста на нивното македонско потекло[1310].

Градот лежи на две нееднакви тераси или благи подножја, на два планински огранаци, *Балтепе и Купеник,* кои под градот незабележително се спуштаат во *Тетовското поле*[1311]. Освен *Балтепе* (лозја) и *Купеник* (лозја), местостите кои го опкружувале градот ги имале следните топоними: *Кљуково (Девојкино поле* -јурија за испаша на стока на местото на ден. *Земјоделско училиште*), *Дреноец* (лозја над денешниот фудбалски стадион), *Деребој* (од ден. државен архив, до Горна Чаршија), *Фалишки Пут, Сараќински пут, Гостиарски пут, Требошки пут, Скопски пут, Сељачки пут* (ниви покрај патишта, пр. *имам нива на Требошки пут*), *Масларски пут* (кај денешната Сообраќајна полициска станица на патот за Скопје), *Добра вода* (извор и првата каптажа), *Студена Вода* (извори и ниви, кај денешната бензинска станица *Петрол Компани*), *Табаана* (тур. Рамница, кај денешната касарна), *Породско Теќе (Стоело Теќе)* (ниви и овоштарници), *Папратница, Добра Вода* (извор под селото Шипковица), *Бањиче* (поранешна месност *Инџирлик*(тур.) – смокварник), *Десетница, Стотница, Илјадница*(Карпи во клисурата на реката Пена), *Централа* (Хидроцентрала), *Стрмол* (лозја над Дренеоц), *Салаана* (касапница кај денешните православни

[1310] Красимира Илиевска, Од топонимијата на Полог според владетелските повелби од XII и XIV век, Научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби,Тетово - 1978, 13 - 22; Теодора Шапкалиска, Лексички материјал од бревното на Хтетовскиот манастир до 1346 година, Научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби,Тетово - 1978, 183 - 190.

[1311] Јован Хаџи Васиљевиќ, По Тетовској области, Београд, 1938, 7; Според кажувањата на некои луѓе во 1909 година, во народот се памети дека градот претходно се наоѓал во месноста *Студена вода*, на границата на атарот на Тетово и селото Сараќино. Но поради многу подземни води градот се преселил во денешното Горно маало кај црквата *Св. Богородица*. Но ваквите искази од пред 100 години се уште немаат никаква научна поткрепа.

гробишта),*Гавраноо поле* (ливада кон калето), *Дубраа* (ниви на патот кон Брвеница), *Кавакли*ја (ниви кај фабриката *Тетекс*), *Починуалка* (на коњскиот пат од ден. Гробишта, до тетовското кале), *Пашина* (плажа на реката Пена, близу мостот на ул. Индустриска), *Чамурија* (тур. - кал) (потегот од Арабати Баба Теќе до Брвеница), *Ќулум карпа* (карпа до лозјето на Грнчаровци под Калето), *Кунлук* (месност со бавчи, а потоа и населба од левата страна на р. Пена), *Попова Шапка* (спортско рекреативен центар) и др[1312].

Развојот на денешното Тетово како населба започнува некаде пред13. век кога околу манастирот *Св. Богородица Хтетовска* се развива селска населба под името Хтетово[1313]. Поточно, населбата се појавила на местото каде што денес е околината на црквата *Св. Богородица* и *Горна Чаршија*. Ова маало од Македонците е наречено *Горно маало*[1314].

Преобразбата на Тетово од село во град се случила во средината на 15. век[1315]. Тогаш, всушност, се создаваат сите позначајни маала во кои живееле Турците и муслиманското население[1316], кога истовремено е и најголем административно - економски центар во северозападна Македонија.

[1312] Драго Симовски, цит. извор, 02.12.2005; 16. 11. 2006;

[1313] Лидија Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980,131; Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 67.

[1314] Љупчо Филиповски, Владимир Бошковски, Наследната архитектура во Тетово и Полог, Бигорски научно – културни собори, IV научен собир, Полог низ вековите, Тетово, 1978, Скопје 1980, 137;Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 67;Лидија Славева, Тетовскиот манастир – центар на општествениот живот во Полог во XIV век, Духовните средишта во западна Македонија во минатото и денес, Бигорски научно – културни собири, Кичево, 1990, 41 – 57. Сепак, констатацијата дека селото Хтетово не било обична селска населба, е сосема во ред и има своја потпора во фактите дека во таа населба, одржувањето на панаѓурите, постоење на пазар и голем манастир со епископско седиште и патиштата ја издвоиле од другите населби во Полог. Овој манастир и селото Хтетово, кои за првпат ги споменува Охридскиот архиепископ Хоматијан го превзеле приматот во Полог, откако, српскиот крал Милутин, го разрушил средновековното утврдување во Лешок кое било центар на Долни Полог. Во времето на српското владеење со Полог, за време на царот Душан, и неговиот син Урош, селото Хтетово станало најбогато место во Долни Полог, благодарејќи на тоа што Тетовскиот манастир, станал и седиште на првиот полошки епископ. Тоа значело дека тетовскиот манастир за време на царот Душан станал најголем феудален поседник и воедно, центар на општествениот живот во Полог во 14. век. Манастирот *Св. Богородица* поседувал земјишни поседи на кои работело локалното население, а во него исто така се одржувале и големи панаѓури на кои, доаѓале трговци од сите балкански простори.

[1315] Истото, 194; Александар Стојановски, Македонија во турското средновековие, Култура, Скопје, 1989, 195, 198, 199;Прави пут, Скопље, 02. 04. 1937, 2;

[1316] Глас Полога, цит. весник, Топографски развој Тетова, 1-2.Со доаѓањето на Османлиите кон крајот на 14. век, во селото се формира сосема ново маало т.н. *Шејх (Сеи) маало*, независно од христијанскиот дел на Тетово на североисток од тетовскиот манастир. Ова маало гравитирало околу првата т.н. *Крк џамија* на десниот брег на рекатаПена. Подоцна веднаш до самото подножје на планината, од левата страна на реката е подигнат *месџид* (џамија без минаре). Во 1463 година се споменува и Месџид маалото, кое најверојатно се оформило околу новата џамија и се надоврзало за Шејх маалото. Во Шејх маалото имало имоти со големи бавчи и било поретко населено.Во најстариот дел на Тетово, покрај реката Пена биле изградени *табакаани*, кожарски работилници кои таму се наоѓале до 19. век. Тој дел од градот и во 20. век се викал *Табаана*. Во вакуфнамето на Мехмед бег од 1463 година, само од него се увакуфени 25 табачки одаи. Во почетокот на 20. век, табаканите се наоѓале, под тетовската гимназија.*Теќе маалото* се надоврзувало на Шејх маалото, со тоа што се развивало во правец кон југ и југозапад. Во овој дел се

Во 18. век дошло до развој на нови христијански маала во градот, благодарејќи меѓудругото на доселувањата на македонското христијанско население од селата од Мијачијата и Полог[1317].

Во поч. на 18. век, се создава ново христијанко маало *Коутук (Коутук значи Кривина),* претежно од семејства од селото Лавце и другите шарпланински, на левиот брег на Пена, кое понатаму се проширува северно каде е создадено маалото *Два бреста.* Овие две маала се споиле со *Јајчароо маало.*Со изградбата на црквата *Св. Никола,* во првата половина на 19. век, и куќите околу неа, кои се наоѓале меѓу маалата Колтук и Јајчароо маало, се нарекувало *Св. Никола маало.* Според Ѓеро Ѓорѓевиќ, *гребењар,* (Гребенароски – Б.С.) кој бил роден во 1829 година, во неговото детство, *Тетово го сочинувала главно денешната улица Св. Савска* (ул. Гоце Делчев – Б.С.) *и тоа до Здравкова куќа* (Здравеа куќа – Б.С.), *(т.е. до бр. 51) и дека имало најмногу до 300 куќи.* Оваа бројка најверојатно се однесува на тој дел од градот бидејќи со сигурност се знае дека Тетово имало повеќе пати поголем број на куќи. Проширување на овие маала ги споило со *Теќе маалото,* односно наречено од Македонците како *Доуно Маало.*Христијанскиот дел на падините на *Балтепе* продолжил да се проширува кон север и се

развил големиот пазар со многу дуќани и истото се претворило во трговско средиште на градот и на Полог. Во ова време во документите фигурира и турскиот назив Калканделен, но и стариот Тетово.Сосема на север од градот се развивало едно од најстарите тетовски маала, *Циганското маало,* кое подоцна се споило со маалото *Поток.* Како потврда за присуството на Ромите во Тетовое и пописот од 1519 година во кој се евидентирани 3 муслимански и 31 христијански ромски семејства.Манастирот и христијанските куќи го губат значењето со оглед на фактот дека целокупниот манастирски имот го присвоил Исак бег кој пак истиот го увакафил. Во *Шех маалото* се формира Долна чаршија наречена *Бунар* и *Емиш пазарот.* Во тоа време се уште не постоела Горна чаршија и потегот од неа до муслиманските гробишта бил се уште под некогашните ниви и овоштарници на манастирот кои биле како што видовме одземени и дадени во сопственост на муслиманските верски институции. Така било се до доаѓањето на албанските паши во Тетово кои истиот простор го приграбиле за себе. Во втората половина на 16. век, во Тетово имало 11 маала од кои 6 муслимански: *Џамијата на покојниот Иса бег* (Теќе маало и Месџид маало), *Завието на Мехмед бег, Шејх Ахмед* (Шејх маало), *Селџук бег, Хоџа Муслихудин* и *Ахмед бег.* Другите пет маала биле христијански: *Никола, Божидар Петко, Стојан Степан, Раде Пејчин, Иван Стојко и др.* Во 1689 година во времето на австро-турската војна, еден дел од австриската војска навлегол и во Полог и Тетово. Борбите кои се воделе на овој простор како и безредијата кои настанале после тоа предизвикале топографски промени во градот. Имено, манастирот *Св. Богородица,* како и *Горно маало и Теќе маалото,* заедно со табачките работилници, куќите како и воденициите и валавиците во *Шех маалото* биле целосно уништени и разграбени од, како што наведуваат некои извори (Глиша Елезовиќ), локални турски моќници, а најмногу од Рец Топал од Гостивар. Со повлекувањето на австриската војска голем број Христијани од овој крај мигрираат кон север и заедно со косовското српско население се населуваат на територијата на некогашната Хабзбуршка монархија.Во 18. век повторно доаѓа до проширување на Тетово, создавање на нови маала и претежно од доселени луѓе од околните села, но за првпат и поголем број доселеници од Албанија. Овие доселеници го создаваат новото маало *Џидит маало* кое се наоѓало веднаш под *Горното маало.* Основачи на ова маало се Асан Паша и неговиот син Рецеп Паша од албанското братство Рец Палеш или Рец Паљ. Некаде помеѓу *Горното маало* и *Џидит маалото* се формира *Горна чаршија. Џидит маалото* во 18. и 19. век се проширило и преоѓа на левата страна од реката каде се формираат *Табаан маало, Гамгам маало* и *Кунлук* и преку *Саат маало* се спојуваат со *Теќе маалото* и *Селчубеј* маалото. Како муслимански маала и топоними, во изворите се среќаваат и *Зендел, Амам, Доганџи, Балези чешма, Бег маало, Пестоk маало, Аток или Атик маало, Ахмед бег маало, Варош мусли маало, Еѓки џами маало, Саат маало, Џами Атик маало и други*

[1317] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/489, Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима.

создадени нови маала како *Доу, Певчина, Чапчакоо сокаче, Поток* и други маала, кои со своите проширувања се споиле со *Циганско маало*.Овие маала се развиваат се до крајот на 18. век.

Во 19. век повторно доаѓа до проширување на градот, а во пописните дефтери се среќаваат нови и христијански и муслимански топоними. Тука некаде треба да го лоцираме и создавањето на *Брезјанско маало*. Во почетокот на 19. век за потребите за изградба на тетовското кале се населуваат поголем број на влашки семејства од Крушево и Москополе кои работеле како мајстори и кирации. Тие од Абдураман паша добиле право да изградат свои куќи од горната страна на денешната улица *Гоце Делчев*.Во долниот дел на градот во почетокот на 19. век се формираат *Ески џамија маало* и *Салаана*. Овие две маала особено се прошируваат за време на Источната криза (1875 - 1878) кога на Балканот настануваат големи политичко стратешки демографски промени. Во тој период во овие маала се населуваат голем број на турски бегалски семејства наречени Мухаџири.Според еден даночен дефтер од 1846/47 година каде што се попишани христијаните во Тетово се гледа дека тие со своите живеалишта ги има во следните маала: *Ново Маало, Горно Ново маало, Ќупри(Мост) маало, Стара варош, Поп Серафимово маало, Сали челеби (Селчубеј) маало и Теќе маало*. Според маалата во кои живееле Македонците во овој период се гледа дека во некои типично муслимански маала се населувале и христијаните. Во својата книга за Тетово Јован Хаџи Васиљевиќ кое тој го посетил на почетокот на 20. век, пишува дека од средината на 19. век Тетовчани градот генерално го делеле со две имиња и тоа јужниот дел како *Варош* а северниот како *Дуќанџик*. Од таму можеби и во погоре споменатиот турски дефтер се споменува *Стара Варош*, што според претходно изнесеното овој топоним подразбира повеќе тетовски маала.

Долгото владеење на османлиската империја оставил длабок печат на изгледот на градот кој до почетокот на 20. век имал типично ориентален изглед и ритам на живеење на кои се адаптирале и Македонците. Уште во 15. век, Тетово започнало да добива типично турски објекти: амамите, теќето, џамиите, камените мостови на Пена, а пашините конаци, тетовското кале, саат кулата и други објекти ги граделе моќните тетовски паши кон крајот на 18. и 19. век.

Кон крајот на 19. век, бројот на македонското население во градот драстично се зголемува. Во тој период голем број на Македонци се исселуваат принудно од селата во Тетовско и Гостиварско поради големите качачки зулуми а не ретко се исселувале и сите жители на селата. Таков е примерот со селата Новаке, Желино, Горно Палчиште и др. Така маалата во Тетово се проширувале со нови а во постојните се создавале помали маала со свои посебни микротопоними како на пример *Дајљов сокак, Чанакоо сокаче, Поп Симино сокаче, Серикупус маало, Стара бања, Пашапетрино сокаче, Јаковчеа чешма, Туљоа чешма, Гогушоо ќуше, Три Дуљца,Тумба (два топоними), Безистен, Трошарина, Стаматоа чешма,*

Даскауница,Паталео сокаче и др[1318].Во Тетово за секое место Македонците имале свои македонски топоними без оглед дали таму живееле Турци, Албанци, Македонци или други, па дури и џамиите имале македонски називи: *Тупан Џамија, Шарена Џамија, Горночаршиска џамија* и т.н[1319].

Во поголемиот дел од периферијата на градот и тоа на излезите кон Скопје, Гостивар и селото Порој, се наоѓале муслиманските гробишта. Православните гробишта во 19. век се наоѓале на возвишението над црквата *Св. Никола*, а од почетокот на 20. век тие се преселени на крајот од маалото Поток, на падината меѓу тетовското кале и возвишението *Стрмол*, кај месноста *Дреноец*, каде што до 50-тите години на 20. век се наоѓале тетовските лозја. На новите гробишта била изградена и нова црква околу 1912 година посветена на *Св. Димитрија*.

За надворешниот изглед на градот зборуваат патеписците, научниците, новинарите и други посетители кои во различни периоди го посетувале градот.

Андреа Стојанов, сметал дека Тетово не е убав град. Куќите му биле прости на еден или два ката. Улиците биле тесни и криви, не добро послани и нечисти[1320].

Во 1896 година Ѓорче Петров пишува дека надворешниот изглед на градот е добар, целиот град бил потонат во зеленило од бујните овошни дрвја, кои ги полнат дворовите и градините на куќите и над кои се издигнуваат само минаријата на џамиите. Тоа му давало изглед на планинско градче, кое изгледало како град од летни палати со раскошни паркови.

Спротивно на тие природни убавини на Тетово никако не му одговараат периферните делови кои биле натрупани со купови од ѓубре, по кои гнијат умрени животни или се тркалаат нивните скелети[1321].

Надвор од периферијата, околу Тетово имало весели и живописни предели. За тоа придонесувале густата темно сина шума лево и десно, раскошното поле и глинестите ридови на *Балтепе* и *Бела Вода*, нашарени со лозја и чинари. Тетово како град украсен со многу убавини, можеле да му позавидат многу други од нашите и странските краишта.

За внатрешниот изглед на градот[1322], Ѓорче Петров вели дека не одговара толку на надворешниот, но во споредба со други гратчиња од неговата големина изгледа подобро.

[1318] Драго Симовски ,цит. извор, 02.12.2005.
[1319] Истото, 15. 02. 2007.
[1320] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.
[1321] Се чини ништо невообичаено за градовите на Османлиското царство во тој период, кога за истите и уште поголеми забелешки за големата нехигиена се зборувало за најголемиот град во Македонија, Солун. (Марк Мазовер, Солун град на духови, христијани, муслимани и евреи, Аз-буки, Скопје, 2008)
[1322] Г. Петровь, *Тетовската кааза,* Материали по изучуването на Македония, София, 1896. 419.

Page246

Многу од улиците му се послани со калдрма, двокатни куќи има прилично, се разбира по турски вкус. Она што посебно го импресионирало овој наш деец и револуционер била климата и многуводноста на Тетово, како негова исклучителна црта и вели дека водата во него преизобилува.Уште во тој период Ѓорче Петров забележал дека турските и македонските куќи не се строго разграничени и се повеќе и повеќе се мешаат. Според него, *Тетово нема куќа без овошни дрвја и лозници и затоа, градот погледнат од ниско, претставува овошна градина, во која се скриени куќите и само високите минарињa на џамиите, градскиот часовник и повисоките оџаци, покажуваат дека тука има град*[1323].

Во извештајот на еден бугарски учител за училиштата во градот, во 1907 година, меѓудругото е даден краток опис на Тетово[1324], во кој се вели дека *повеќето од куќите биле на два спрата, а улиците биле пространи и послани со калдрма.* Споредувајќи го квалитетот на градбите на куќите, улиците и другите зданија во овој град со другите градови во Скопскиот вилает, авторот смета дека во тој поглед Тетово е многу *погоре од нив.*

Германскиот научник Франц Дофлејн во 1917 година, неговиот прв впечаток за Тетово во виорот на Првата светска војна е позитивен: *Тетово ми остави чист и симпатичен впечаток. Пред се, во споредба со правливиот и распаднат Скопје, овој град ми изгледаше попријателски. Овде војната не оставила толку страшни траги, за разлика од големите улици по кои газеа војниците низ Македонија. Не можеа да се видат никакви уништувања на градските куќи, немаше напуштени куќи, немаше никакви траги од некаква злоупотреба или од пропаѓање, за разлика од досега посетените области од Вардарската Долина и од сето она што го сретнав на фронтот. Овде војната не беснееше, макар што таа сепак имаше последици и врз овој оддалечен град*[1325].

Посетителот на Тетово во почетокот на 20. век можел да види 3 – 4 цркви, 12 џамии, две чаршии, остатоци од големо утврдување, неколку училишта, мошне раскошни конаци на тетовските беговски семејства, големи со отворени дрвени чардаци, хареми на пашите, високи ѕидини со исфрлени делови во вид на кули, големи опковани порти, конаци на војската на пашата и на неговите офицери, штали за коњите, дваесетина воденици на тетовските јазови и повеќе табакаани, чаргови, валавици на реката Пена, многу дуќани и т.н.[1326]

Ваквиот лик на Тетово останува доминантен се до дваесеттите и триесеттите години на 20. век, кога е донесен првиот регулационен план и започнува изградба на друг вид на семејни

[1323] Истото, 10.
[1324] Ив. Серафимов, (Описание на Тетово), од 05. 08. 1907 г., Етнография на Македония, извори и материали в два тома, том 2, БАН, София,1992, 60.
[1325] Франц Дофлајн, Македонија, Македонска реч, Скопје, 2010, 200.
[1326] Марула Николоска, Градските куќи од 19. век во Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје, 2003, 30.

и административни објекти и инфраструктурни зафати кои донеле нов квалитет на живеење и нов изглед на градот.

. . . По 1918 година доаѓа до промени во физиономијата на Тетово. Чаршијата била израз на турско-ориентален тип, со наполно издвоен дневен живот од маалата за живеење, прва ги губи своите белези. Благодарејќи на смислената работа на претставниците на општината на градот Тетово, во чаршијата денеска нема кепенци, а на нивно место се ролетните кои не создаваат грижи на трговците како порано, кога некој со посилен удар им го отворал дуќанот и им ја крадел и онака малата стока. Средноевропските современи влијанија кои дојдоа со развојот на модерниот сообраќај и со приливот на новото население биле од посебно значење за промена на стариот изглед на градот, кој од ден во ден го снемува и тоа постапно од центарот кон периферијата на градот.Од таму денеска можат да се сретнат два сосема различни типови куќи со различна архитектура, каде што и начинот на живеењето, работењето и свакањата се посебни . . [1327]

Еден од најзаслужните луѓе за инфраструктурните промени на градот бил Орестије Крстиќ. Во периодот од 1924 до 1926 година, Орестије во Тетово работел како управник на Шумската управа и тогаш дал свој значаен придонес во развојот на спортот, пред се во планинарењето и скијањето во Тетово. Исто така учествувал во формирањето на тетовскиот аеро клуб *Наша Крила*, со оглед на тоа што тој бил и пилот - авијатичар. Неговиот вистински придонес во инфраструктурните промени на градот ги дал откако станал Претседател на Градското поглаварство во периодот од 1928 до 1930/31 година, кога е изграден првиот водовод во Тетово, пробиени се првите улици во градот со камени коцки и банкини, подигнати се првите скверови и паркчиња во градот. По неговото завршување на должноста како претседател на градот, се преселил во Скопје, каде што како прв претседател на Туристичкото друштво *Југ*, има клучно влијание за изградбата на првите два планинарско-скијачки домови на Љуботен (1931 г.) и на ПоповаШапка (1934 г.).

Најстарото излетничко место на тетовчани е секако *ЛешочкиотманастирСв. Атанасиј*[1328]. Уште од неговото обновување од страна на Кирил Пејчиновиќ во 1818 година, откако претходно во својата историја барем два пати е разрушуван, манастирот повторно станува големо духовно и верско собиралиште во Полог и пошироко, каде се прославувале неколку верски празници. Со текот на времето овој манастир прераснал и во излетничко место[1329] во кое православните верници уживале и во прекрасната природа која ја има во изобилство, шумските плодови, минералната вода, планинските патеки и прекрасните села во

[1327] Глас Полога, Тетово, Белег на градот Тетово, 18. 11. 1939.
[1328] Илија Петрушевски, Бранислав Светозаревиќ, Лешочкиот манастирски комплекс, Полошко - кумановска епархија, Скопје, 2001.
[1329] Истото, 163 - 173.

неговата околина. Во периодот меѓу двете светски војни манастирот преку викендите и празниците бил масовно посетуван, а некои тетовски семејства во трите големи конаци, кои тогаш постоеле, закупувале соби преку летата а некои, како семејството на Александар Парлиќ и преку целата година. За време на најголемиот верски празник во манастирот се собирале и до 20.000 верници[1330].

Тетовското кале на кое се наоѓа и манастирот *Св. Атанасиј*[1331] е место кое тетовчани често го посетувале. Ова место има своја долга традиција кога уште во 13. век е изграден овој манастир. Тој исто така бил разрушуван и тоа во времето на доаѓањето на Османлиите на Балканот, во време на Австро-Турската војна и на крајот од страна на Рецеп Паша кон крајот на 18. век, кога манастирот на брдото Балтепе е претворен во моќно утврдување на полусамостојните тетовски паши.

По протерувањето на тетовскиот паша Абдураман од Калето и по завршувањето на востанието на Дервиш Царе во средината на 19. век, се создале услови, народот повторно, по прекин од 6 децении, да доаѓа на светилиштето и да го празнува денот на светецот.

Прв обид за откривање на остатоците од црквата *Св. Атанасиј*, со дозвола на турските тетовски власти направил, Андреа Стојанов со група тетовчани, кон крајот на 19. век, кога истите пронашле неколку стари црковни кандила[1332]. Кон крајот на 19. век, се забележани првите излети кога тетовчаните често оделе на Калето со храна, каде што поседувале на чистиот воздух и убавиот поглед кој се простирал од него[1333].

Веднаш по Балканските војни започнала обновата на црквата *Св. Атанасиј* и од тогаш тетовското кале станало едно од најпосетените излетнички места на тетовчани преку целата година.

Едно од најстарите излетнички места било т. н. *Столео теќе* во близина на селото Порој. Таму Тетовчаните правеле излети но ги посетувале и своите лозја. Познато е дека првиот првомајски излет во 1919 година е направен токму на оваа локација. Но своето име кое како топоним се уште се користи е по изградбата на една вила на пратеникот Стојадин Димитријевиќ или како што го нарекувале во Тетово, Столе Ренто. По Втората светска војна, извесен период оваа куќа служела како детско одморалиште.

[1330] Глас Полога, Тетово, бр. 232, 04. 09. 1937, 3.

[1331] Серафимовь Л., Тетовско и дѣйцитѣ по възраждането му, Пловдив, 1900, 13 - 16; Г. Петровь, Тетовскитѣ паши, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, Министерство на народното просвѣщение, кн. XI, София, 1894, 404 - 422;

[1332] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 32.

[1333] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, бр. 41, 04. 07. 1891, 2.

Page 249

Месноста *Бањиче* со долината на реката Пена, два километри западно од Тетово, скриена во прегратките на Шара, било привлечно место за тетовчани уште во османлискиот период, кога само некои одважни мажи оделе на прошетка по атрактивната долина. Првите излети на тетовчани покрај реката Пена се забележани уште во првите години на 20. век. Можеби тоа би се случило и многу порано. Сепак, тетовскиот крај, особено Шар Планина во тоа време се преполни со качачки банди, кои секојдневно правеле многу злосторства, особено врз христијанското население. Според тоа првите забележани излети на фотографии, покрај реката Пена се вистински подвизи. Прошетките покрај реката Пена се омасовиле по завршетокот на Првата светска војна, кога започнала да се реализира идејата на тетовчани за изградба на прва хидроцентрала во Македонија. За потребите на хидроцентралата изграден е и пристоен пат во должина од 2 км. Со тоа брегот на реката Пена станал многу попристапен. На излет најмногу оделе младите тетовчани и младите брачни парови. Но се почесто на излети излегувале и цели семејства. Најмасовно било на празникот *Балаклија*, една недела после *Велигден* и преку летото.

Тетовчани за свое освежување во летните месеци ја користеле и реката Вардар и тоа на две места во селата Сараќино и Сиричино. Во близина на селото Сиричино се наоѓала плажата на реката Врдар наречена *Брег*. Покрај реката Вардар имало убави ливади и сенки, кои привлекувале многу тетовчани, но и првите тетовчанки, кои во костими за капење се појавиле за прв пат во средината на триесеттите години.

Од историски аспект оваа место е интересно што во него се наоѓа античкото и средновековно утврдување Хисар со двете карпи. Покрај реката Пена се наоѓаат извори со минерална вода која во 1927 година е искористена за изградба на еден бањски објект и на крајот таму се првите плажи на реката кои како такви се користеле од крајот на дваесеттите години на 20. век. Местото, каде што се наоѓа изворот на минералната вода, се смета дека ја пронашол во 1927 година Антун Славујиќ, градежен техничар, кој во Тетово дошол од Словенија и тука останал со своето семејство. Откако надлежните општински власти и Хигиенскиот завод од Тетово ја потврдиле лековитоста на оваа вода, на самиот извор е изграден мал објект, кој одпрвин бил од дрво, а подоцна е направен од тврда градба. Во него луѓето можеле да ја користат водата за пиење и за капење во мал бетонски базен[1334]. Во месноста Бањиче биле изградени и неколку викенд куќички, кои, не само што биле во функција на нивните сопственици, туку истите се издавале преку летната сезона на луѓето кои

[1334] Во тетовскиот архив се сочувани повеќе предлог проекти за изградба на поголем сместувачки капацитет, но до тоа не дошло, најверојатно затоа што за неколку години во бањата имало 7 жртви кои се задушувале при бањањето, поради испуштање на отровни гасови кои повремено излегувале од самиот извор.

Page 259

се лекувале претежно од стомачни и кожни болести. Сите викендички за време на Втората светска војна заедно со објектот на бањата биле разрушени[1335].

Познато е дека уште кон крајот на 19.век, тетовските христијански семејства го посетувале *Арабати баба Теќе*, во летните месеци. По Илинденското востание оваа традиција се трансформирала во прославување на Илинден, со палење свеќи на *Св. Илија*. На тој ден посетите станале традиционални и масовни. По Балканските војни, српските власти го забраниле илинденскиот излет во Теќето, а на негово место го вовела празникот *Ѓурѓевдански уранак*, но тој не бил масовно прифатен од народот, луѓето во помал број продолжиле да одат на *Св. Илија* под изговор дека оделе исклучиво за верскиот празник[1336].

4.2 НАМЕНСКИ ОБЈЕКТИ

Наменските објекти во Тетово зависеле од општинските и државните административни и други институции кои се формирале во градот и од економските, стопанските и други потреби на граѓаните.

Објектите на општинските и државните институции биле на: општината, училиштата (основни и средни), болницата и здравствениот дом, судовите, војската, полицијата, Шумската управа, Геодетската управа, Расадникот и др.

Објектите настанати од економските, стопанските и други потреби на граѓаните биле: пазарите, занаетчиските и трговските, индустриските, банките, железничката станица, сакралните, спортските, туристичките излетничките, рекреативните, објекти со посебни намени како саат кулата, амамот и др.

За разлика од претходниот период, кога за изградба на наменски објекти и инфраструктура, инвестирани од државата се ангажирале приватни градежни претпријатија, во социјалистичкиот период, во обновата и изградбата на инфраструктурните и наменските објекти, голем удел имале масовните работни акции, кои ги организирале масовите организации, како што биле Народниот фронт, АФЖ, Сојуз на социјалистичка младина, но и други форми на масовно бесплатно работење.

Во периодот меѓу двете светски војни, во Тетово биле изградени наменски објекти со државни пари во површина од 7.684 м. кв[1337].

Училишни објекти. Тетовските деца во 19. век најпрвин учеле во една мала трошна куќичка без училишен прибор и столчиња, покрај црквата *Св. Никола* се до 1860/61, а потоа е

[1335] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, АК – 14, 97 – 98/ 452 – 454.
[1336] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 33 – 34; Според исказите на Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово.
[1337] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 15, 28/99.

изградено новото двоспратно училиште во дворот на истата црква[1338]. Во почетокот на 20. век, во градот имало три основни училишта, кои ги контролирала бугарската пропаганда преку Егзархијата. Едно од нив било училиштето *Кирил и Методиј*, кое имало две нивоа. Тоа се наоѓало веднаш до егзархиското Архиерејско намесништво, купено со подарените пари на тетовчанецот Јане Сараќинов и некои други луѓе од тетовскиот еснаф[1339].

Најголемото, двоспратно училиште, покрај црквата *Св. Никола* било изградено уште во 1868 година. Со својата архитектура, пространи училници убаво осветлени со многу прозорци, се издвојувало со добрите услови за 19. век од најголемиот број такви во Македонија[1340].

Меѓу двете светски војни, изградено е училиштето *Александар Први* (ден. објект на Министерството за образование и Народниот универзитет), на два спрата со корисна површина од 2.153 м. кв[1341].

Еден од најубавите училишни објекти кои во турскиот период се направени во Тетово е училишната зграда на тетовската гимназија кој е пуштен во употреба некаде околу 1908/9 година[1342]. Во 1928 година била изградена интернатска зграда за потребите на тетовската гимназија. Нејзината корисна површина изнесувала 252 м$^{2)}$[1343].

Земјоделското училиште во Тетово кое било отворено во 1928 година располагало со сосема нови објекти за тоа време, градени специјално за таа намена. Училиштето располагало со следните градежни објекти: главна училишна зграда со димензии 52,90 х 24 м., која во сутеренот, приземјето и катот имала 69 простории и наполно ги задоволувала потребите на учениците и персоналот; барака за живеење; коњска штала; штала за крави; штала за бикови; амбар, заедно со кош и навес; кош за царевка, со два навеса; живинарник; два свињарника;

[1338] Андрей Стояновь,*Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 34, 16. 05. 1891, 2.

[1339] Ив. Серафимов, (Описание на Тетово), 61.

[1340] Михаил Јанушев, Далечни одгласи, Македонска Искра, Скопје, 2006, 28. Еве еден опис од дваесеттите година на 20. век на ова училиште . *Во дворот на црквата "Св. Никола", што се наоѓа на падините на ридот Балтепе, се наоѓа зградата на Основното училиште "Св. Сава". Стара училишна зграда уште од времето на турското владеење, со дрвени клупи излижани од долготрајното триење на генерациите ученици што поминале во нив. Училиштето од црквата го дели пошироко плато издигнато над нивото на училишниот двор, изѕидано со тркалезни речни камења, веднаш над него - извишена камбанерија, наоколу - насадени разнобојни трендафили - месечари што го красат училишниот двор. Меѓу нив две масивни дрвени клупи со наслон, бојосани со сивомаслинеста дрвена боја. На нив за време на големите одмори, седат учителите и разговараат набљудувајќи го играњето на учениците*

[1341] ДАРМ, одд. Тетово, СО Тетово . . . цит. фонд, АК – 15, 28/99.

[1342] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 1042, Претседателство на министерскиот совет на Кралството СХС, централно прес биро, Белград, (1929 – 1940), АК – 10, 20/51; ДАРМ, Скопје, ф. Бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 – 1941), АК – 38, 390 – 391.

[1343] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, цит. фонд, АК – 15, 28/99.

Page 252

една споредна зграда за сместување на разни материјали; стакленик; бетонска леја која служела за ран зеленчуков расад и ториште[1344].

Во овој период бил изграден и објектот на Женското занаетчиско здружение, во површина од 163 м$^{2)}$[1345]

По Втората светска војна, првото ново училиште е изградено во 1949 година со површина со корисна површина од 3.287 м$^{2)}$[1346]. Во 1948 година, била изградена интернатска зграда при земјоделското училиште во корисна површина од 3.600 м$^{2)}$[1347].

Здравствени објекти. Во педесетите години на 20. век, Околиската болница[1348], која се наоѓала, како и пред Втората светска војна, на брегот на реката Пена, била сместена во зграда која била наменета првенствено за амбулантна поликлиничка установа. Во истиот круг се наоѓало Одделението за градни болести и антитуберкулозниот диспанзер. Единствено, Гинеколошкото одделение (*Родилниот дом*), заедно со детското одделение се наоѓале во центарот на градот.

Објектот во кој се наоѓало заразното одделение се наоѓало при крајот на болничкиот круг. Објектот бил набрзина преадаптиран од поранешната перална и истиот бил сосема несоодветен за својата намена, така што од една сала се направени три мали соби без врати.Кожно-венеричното одделение се наоѓало во подрумските простории на Алимбеговата куќа, каде што биле сместени сите амбуланти. Во подрумот била сместена и пералната.

Во новиот објект на Болницата, кој е граден во годините по Втората светска војна а завршен во 1947, било сместено Одделението за градни болести, со капацитет од 42 кревети и 891 м^2 и Здравствената станица со површина од 1.631 м$^{2)}$[1349].

Ветеринарната станица била изградена истата година со површина од 850 м$^{2)}$[1350] ***Домот на Црвениот крст*** во Тетово е изграден 1929 година на општинско земјиште од 500м^2 во тогашната улица *Скопљанска*, каде што и денес е со истата функција. Домот има приземје и спрат. На приземјето има 4 одделенија, кои во тоа време служеле за канцеларии на одборот, а на спратот има една голема сала кои ја користеле и другите месни одбори на Црвениот крст во Околијата[1351].

[1344] Роза Ристоска, Земјоделско училиште Тетово, 1928 – 1988, 15.
[1345] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 28, Околиски народен одбор (1945 - 1955), АК –15
[1346] Истото, 29/ 105.
[1347] Истото.
[1348] Истото, 372 - 377.
[1349] Истото, 29/103.
[1350] Истото, 29/105.
[1351] Društvo Crvenog Križa, Spomenica . . . цит. дело, 260.

Page 253

Воени и полициски објекти. Во првата половина на дваесетиот век *Тетовското Кале*, иако напуштено, претставувало остаток од најголемиот воен објект кој воопшто е направен во Тетово. Тетовското кале претставува импознтна тврдина градена во периодот од 1797 до 1843 година. Типично воено утврдување кое го граделе тетовските полусамостојни паши кој во рамките на Османлиското царство не ја признавале целосно централната валаст на султанот. Изградена е на местото на некогашниот манастир *Св. Атанасиј*, на врвот од ридот кој се возвишува над градот Тетово на надморска височина од над 800 м.

Овој воен објект се простирал на 108.000 м. кв. и бил опкружен со дебели ѕидови од 3 до 4 м.[1352] и висиочина од 5 до 10 метри. Во калето биле изградени подземни тунели *лагуни* кои воделе до реката кај градот, имало канцеларии, простории за војската, сарај, затвор со длабоки дупки. Зидините биле со кули за стражари. На местото на срушената црква *Св. Атанасиј* , по Балканските војни е изградена новата црквичка[1353] .Изградбата на тетовското кале била доверена на мијачките тајфи и влашки мајстори и кирации од Крушево. Тешката принудна физичка работа – кулук, на калето ја извршувале православното население од тетовските села[1354].

Касарни. Прва модерна касарна во Тетово е изградена во 1909 година, која во тоа време се наоѓала надвор од градот, (дел од денешното средно економско училиште *8 Септември*)од тврд материјал, на два ката. Дотогаш, за потребите на војската се користеле конаците на некогашниот тетовски паша.

Истиот објект, како касарна се користел до 70 - тите години на 20. век, со тоа што во истиот круг се проширувал со објекти со различна намена, изградени како од тврд материјал, така и од дрвени бараки.

Полициски објекти. При крајот на османлиското владеење, објектите кои ги користела османлиската реформирана жандармерија, се наоѓале во близината на Шарената џамија, кој служел и како затвор, и на истата улица спроти денешниот Основен суд, во беледието и др. места. Така било се до дваесеттите години на 20. век кога била изградена жандармерија на десниот брег на реката Пена. Неа ја изградиле властите на Кралството СХС. Објектот бил двокатна зграда од тврд материјал со десетина простории со 332 кв. м. во основата.

[1352] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 347.

[1353] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље, Ф. бр. 323. АК - 41. 74-220, 3/82.Текстот во ракопис е напишан во триесеттите години на 20. век.

[1354] Глас Полога, Тетово, бр. 94, 12. 01. 1935, 1 – 2. Во триесеттите години се уште постоел надгробен споменик на кој било запишано дека тука почива Паун Тримчевиќ, дека бил ѕидар (дулгер) и *Устабашија на кале балтепе од почнуење калето до свршуење он бил престависа от временога живота ко животу вјечном: лета 1855 јунија 22, поживе лета 71 прочитајушти речите Бог да го прости.*

Спортски објекти. Првите спортски активности во Тетово се изведувана во несоодветен простор за потребите на гимнастричарите во просториите на *Локантата.* Соколскиот дом во Тетово бил изграден во 1935 година. Тоа претставувал модерен објект за тоа време со површина од 490 м. кв. Во кој покрај спортската сала имало и канцеларија, соблекувални и други простории, неопходни за изведување на спортски активности[1355]. Оваа спортска сала, ваквата улога ја вршела и во периодот по Втората светска војна. Покрај покрииниот дел со површина за спортски активности од 199 м^2, по Втората светска војна, во својот двор имала и отворено игралиште за кошарка и одбојка.

За првите фудбалски игралишта се сеќава Драго Симовски: *Во тоа време, фудбалско игралиште беше дел од тетовското поле и ние кога се собиравме за фудбал велевме дека одиме „на поле" да играмо. Околу 1928 година на тоа место е изграден Овошен расадник и фудбалското игралиште сме го преселиле на местото наречено на турски салаана што значело кланица. Таму долго време се наоѓала градската кланица. И тоа игралиште сме го нарекувале „на поле" и така се нарекувало се до триесеттите години, а од тогаш - „на игралиште" [1356]. Управата и навивачите или симпатизери на клубот, го околчувале игралиштето пред самиот натпревар и се врзувало на колците ортома. Со тоа било оградено игралиштето, кое се обележувало со вар.Околу 1931 година со помош на општината и управата и самите играчи но и со придонес на занаетчиите се изгради третото, денеска стариот стадион, игралиште, на земјиште кое некогаш било дел од муслиманските гробишта*[1357].

Стадионот завземал површина од 13.000 м^2. Истиот бил ограден се до 1950 година со дрвена ограда и имал трибини и седишта со капацитет од 1540 седишта[1358].

Сакрални објекти - цркви. Верските објекти се неизбежниот елемент на населените места [1359]. Христијанското население во Тетово, речиси 100 процентно припаѓало на православната црква. Според тоа и верските објекти кои се среќаваат во Тетово и Полог припаѓале на источно-православната црква, за што е потврда и нивната архитектура. Во Полог,

---

[1355] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, цит. Фонд, АК – 15, 28/29.
[1356] Драго Симовски, цит. извор, 08.12. 2005.
[1357] Истото
[1358] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, цит. Фонд, АК – 15, 41/113.
[1359] Од верските објекти во Тетово да ги споменеме и муслиманските верски објекти и теќињата, кои не се предмет на ова истражување: Крк џамиси (скршена џамија) е првата џамија во градот; Намаз Ѓи (мала џамија) ваков тип на џамии се граделе веднаш по освојувањето на новите места од страна на османлиите за потребите на верата и биле градени од слаб материјал; Саат џамија (во која имало и медреса; Чарши махале џамија (имала и медреса); Шех џамија, Ески џамија (стара џамија); Пашина џамија (Шарена џамија); Ески џамија (Стара џамија); Гам-Гам Џамија; Ќупрули џамија (Горночаршиска); Мухаремче џамија, Феври џамија; Во градот имало и три теќиња, Покарај најпознатото Арабати баба теќе имало и Синани текија и Породско теќе. Трите теќиња припаѓале на три различни дервишки редови.

црквите и нивните остатоци датираат од рано христијанскиот период. Такви се последните наоди во селата Туденце, Стенче, Лешок, Мала Речица и други места. Мошне богат црковен живот на овие простори се одвивал и во средниот век[1360]. Некои од нив како што се оние во Стенче[1361] и Лешок[1362] укажуваат дека се работи за епископски седишта, односно дека Полог претставувал важен православен центар.

Црквите во градот Тетово[1363], во првата половина на 20. век се наоѓале во горниот дел на градот, на подножјето на Шар Планина, каде што впрочем се наоѓаат и најстарите тетовски маала, во кои живееле Македонците.

Црквата *Св. Богородица Хтетовска,* се наоѓа на десниот брег на реката Пена во Горно Маало, спроти црквата *Св. Никола* на левиот брег. Пред да се изгради новата црква на нејзиното место се до 1912 година се наоѓала една мала камена колиба, во која пред иконата на *Св. Богородица*, постојано горело кандило. Таа мала капела во која не собирало повеќе од 5-6 луѓе, во која имало и неколку икони[1364], била опкружена со празен простор на кој стрчеле рабови од бели камења со неприродни форми. Целата таа месност народот ја нарекувал *Богородјца* или *Балаклија* таму се одело масовно на поклонение во петок за време на *Томина Недела* или *Балаклија.* Во почетокот на 20. век, се уште имало остатоци на десетина гробови[1365]. Таму, по Балканските војни биле извршени извесни археолошки истражувања при што биле пронајдени икони, кандила, свеќници и друг црковен инвентар, како и неколку гробови[1366].

Оваа црква некогаш била манастирска, има своја долга историја. Се споменува уште во времето на Византија од Едно писмо на Димитриј Хоматијан (околу 1217 - 1234), во кое Охридскиот архиепископ, меѓу другото, го споменува монахот Герасим од Хтетовскиот

[1360] Рад. М. Грујић, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник СНД, књига XII, Д.Н. Скопље, 1932; Архив на Македонија, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Скопје, 1980; Илија Петрушевски, Селото Лешок, Тетовско, МИ-АН, Скопје, 2004, Тетово и тетовско низ историјата, СО Тетово, СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1982, 63 - 102; Б. Алексова, Средновековни наоѓалишта во Полозите, Гласник на ИНИ III/1, Скопје, 1959; Т. Томоски, Средновековен Полог, Историја XII/1-2, Скопје, 1976; истиот, Средновековен Полог, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 2(28), Скопје, 1976.

[1361] Војо Михајловски, Стенче миг меѓу минатото и иднината, Ѓурѓа, Скопје, 2005, 48 - 53; Свето Тоевски, Осум милениуми лежат под Стенче, Вест, Скопје, 16/17. 07. 2005, 22 - 23.

[1362] П. Миљковиќ - Пепек, Црквата, Црквата Св. Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980, 477 - 502.

[1363] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 508, Скопска православна митрополија - Духовен суд Скопје, АК - 156, Извештај о извршеној ревизији цркава, капела и свештеничко - парохиских канцеларија у срезу Доњо - Полошком, извршено у августу и септембру ове 1929 године. Православни окружни протојереј Миливоје Мијовић, Тетово, бр. 1664, 18/31. 12 1929.

[1364] Л.Серафимовь, Тетовско . . . цит. дело, 8.

[1365] Истото.

[1366] Кизман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 59.

манастир[1367]. Во 1317 година на еден црковен собор меѓу четиринаесетте игумени се споменува и хтетовскиот Теодор[1368]. Својот процут го доживеала во времето на српскиот цар Душан, кога *Св. Богородица* е еден од побогатите манастирии е најголем феудален поседник во Полог[1369]. Со доаѓањето на Османлиите на Балканот, манастирот го губи своето значење а имотите на манастирот биле одземени од локалните паши. Манастирските објекти полека се разрушувале, најголемиот дел од материјалот е искористен за изградба на тетовското кале[1370], за да на крајот во 1873 година и приправениот дел од црквата бил запален од локалните моќници, муслимани[1371].

Новата црква има површина од 203 м. кв[1372]. Црквата е ѕидана од 1912 до 1919 година. Има убава порта и ѕидана ограда со ковано железо. Не е многу голема но е највисока црква во градот со два реда на прозори. Ѕидана е од камен и е со квалитетна фасада.

Внатрешноста е иконографирана со ликови на повеќе светители. Иконостасот е богат со 4 реда икони. Олтарот е издигнат со три скали и не е многу пространа. Западната страна на ѕидот е одвоена е со ѕид. Во оваа преграда се влегува од западна и јужна страна. Северната врата влегува во една мала одаја, која служи како исповедница. На западниот дел се наоѓа камбанеријата со две камбани. Има убаво уреден двор со цвеќиња и дрва, што привлекувало многу посетители.

Иако оваа црква го слави *Раѓањето на пресвета Богородица*, сепак народот традиционално, најмасовно доаѓа на *Балаклија*, или *Источен Петок*.

На исток од црквата се наоѓа поголема куќа, сопственост на црквата, изградена во 1923 година. Тука бил сместен Окружниот протопрезвитеријат во периодот меѓу двете светски војни. Црквата располагала со уште една стара куќа, лозје, шума со костени и дуќан.

Црквата *Св. Никола* се наоѓа на возвишението на левиот брег на р. Пена, во маалото *Колтук*. Не е познато од кој век потекнува, но извесно е дека само во 19. век, црквата два пати се возобновува. Во почетокот на 19. век, црквата била со мали димензии и не ги задоволувала

[1367] Лидија Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980,130; Миодраг Ал. Пурковић, Попис цркава у старој српској држави, Скопље, 1938, 16.

[1368] Бобан Петровски, Манастирски имоти во средновековен Полог, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 2006, 283.

[1369] Истото, 129, 131;.П. Миљковић - Пепек, Преглед на црковните споменици во тетовската област од XI до XIX век, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980, 301 - 322.

[1370] Рад.Грујић, Полошко- тетовска епархија и манастир Лешак, Г.С.Н.Д., XII, књ. 1, св. 1, Скопље, 1925, 68.

[1371] Јован Х. Васиљевић, По Тетовској . . . цит. дело, 10.

[1372] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф.бр. 57, Народен одбор . . . цит. фонд, 147.

Page 257

нараснатите потреби на православното население во градот, кое се повеќе се зголемувало, особено на подножјето на ридот *Балтепе*, каде што впрочем се наоѓала и оваа црква.

Првпат, била обновена во 1848[1373] год., а веќе во 1873 година, новата црква била изгорена[1374]. Расположливите податоци ни даваат една претстава дека се работело за една од најубавите цркви во Македонија во 19. век. Тетовчанецот Серафимов во својата книга за Тетово од 1900 година тврди дека таа била изградена по планот на скопската соборна црква *Св. Богоридица* и истата била прекрасно украсена[1375]. Тоа го потврдуваат и истражувањата на Кузман Најденовски. Тој додава дека главен мајстор (мендиз), бил Мартин Вражевски од Охрид[1376]. Поради недостиг на средства за внатрешно уредување, тетовска делегација се упатила во Србија, како единствена словенска земја на балканот која била ослободена и од српскиот кнез Александар Караѓорѓевиќ, побарала парична помош. Истата во износ од 300 златни дукади, одежди и предмети е дадена, со што црквата била комплетно изградена и уредена[1377]. Еден од најважните детали на оваа црква е секако иконостасот како оној во скопската црква *Св. Спас* изработена од истата резбарска тајфа[1378]. Досегашните сознанија упатуваат на познатите галички копаничарски мајстори Стефан и Аврам[1379]. Тие биле потомци на славните резбари, нивниот татко Васил, дедото Аврам и прадедото Дичо, а во Тетово

[1373] Според Л. Серафимов, црквата била за првпат изградена околу 1820 година

[1374] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/495. *О Тетову и тетовцима*. Една од најголемите тајни на таа црква е прашањето како изгорела за што досегашните автори се повикувале на она што го кажувале граѓаните дека истата е запалена од Турците или некој си Муарем, доселен од Албанија. Началникот на Тетовскиот округ во 1913 година, пишувал дека во март 1873 година, црквата ја запалиле тетовските Турци, по дадените упатства од Цариград. Но, Радивоје Богојевиќ ја открива оваа тајна. Според изјавата на Коста Момировиќ, црквата се запалила откако тогашниот свештеник во таа црква, Симо Ашовиќ заборавил да ги изгасне кандилата во црквата. Пред крајот на својот живот истиот се исповедал на попот Нестор и ја кажал вистината и дека Турците не ја запалиле црквата. Како поткрепа на овој запис е и писмото на српскиот учител во Тетово, Агатон Јовановиќ, кој го известил српското претставништво во Цариград, дека по повод палењето на црквата, Султанот побарал од Валијата да спроведе истрага. Валијата по таа наредба постапил и ги притворил сите сомнителни Турци од градот. Но и покрај сите напори на тетовчаните во призренскиот суд да дадат некои валидни докази, не успеале во тоа, затоа што се потпирале на претпоставки, па врз основа на немање доволно докази, осомничените биле пуштени од притвор на слобода. (Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, Том трети, книга втора, (1874 – 1878), Београд, 1984, 54 – 55.

[1375] Л.Серафимовь, Тетовско и дъйцить по възражданието му, Пловдивь, 1900, 7.

[1376] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, Тетово, 1964, 59 – 60. Тогашниот црковен одбор го сочинувале најугледните граѓани: Хаци Паун, браќата Аџиеви, Симо Богојчин и протојереј Јаков Сазданов. Тие решиле на местото на малата црквичка да изградат нова по угледот на скопската соборна црква. Касиер на црквата бил Хаци Паун, кој претходно бил касиер на Абдураман паша во времето кога се градело тетовското кале.

[1377] Истото, 60.

[1378] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/495.

[1379] Трайчевъ Георги, *Книга за Мияцитѣ*, София, 1941, 56.

работел и Данаил Несторов Фрчкоски[1380]. Истата 1848 година, црквата била осветена од Скопскиот владика Ананија[1381].

После пожарот во 1873 година, црквата не била веднаш обновена поради несреќната поделеност на македонското население, кое во тие децении се случила како резултат на жестоката активност на српската и бугарската црковно-училишна пропаганда[1382]. Неспремни да ја обноват старата заедничка црква верниците ја користеле најголемата приземна просторија на тетовското училиште како импровизирана црква[1383]. Судирот на поделените тетовчани се одразил и на училиштето, па дури и на поделеност на гробовите, а во црковниот и училишниот двор, според рускиот патеписец П. Ритих, подигнале две мали импровизирани дрвени црквички[1384].

Возобновената црква од крајот на 19. век, зачувала во себе доста детали од претходната изгорена црква. Нејзината корисна површина е 787 кв. м[1385]. Објектот е изграден во камен кој од надворешната страна малтерисан и варосан. Црквата има јужна и западна врата. Црквата е убава и просторна. Според изгледот потсетува на црквата *Св. Богородица* во Скопје. Во олтарот, пред Св. престол на подот се наоѓала една правоаголна плоча од бел мермер уште од претходниот објект на црквата на која е обележан круг и во него двоглав орел, симбол на православната вера и околу натпис *Храм. Св. Николај у Тетову 1848 год*[1386]. Во црквата се сочувани стари икони и реликвии од старата црква. Новото звоно било подарок на српскиот крал Петар во 1912 година[1387].

На северната страна е иконостасот кој е убав и голем со неколку реда икони. Подот до 1929 година бил од цигла, а потоа е поставен паркет. Дворот на црквата се простирал на 780 кв. м. На источната страна од црквата во дворот се наоѓало двоспратно училиште со десетина простории изградена во 1864 година.Од јужната страна се наоѓала една мала куќа со една просторија од слаба градба која служела како канцеларија. Црквата располагала со богата архива.

[1380] Истото, 53.
[1381] Кузман Најденовски, Тетово . . . цит. дело, 60. После една година од осветувањето истиот владика Ананија го посетил Тетово, но при самата посета, напрасно умрел во куќата на угледниот Тетовчанец, Докче Мумџија. Владиката бил закопан на тетовските гробишта.
[1382] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1996.
[1383] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 52; Л.Серафимовь, Тетовско . . . цит. дело, 7; Кузман Најденовски, Тетово . . . цит. дело, 61.
[1384] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 102.
[1385] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф.бр. 57, Народен одбор на Општина Тетово, АК. 41, 40/147.
[1386] Таа плоча денес се наоѓа во дворот на црквата, но според нејасниот натпис, во него има повеќе податоци од текстот кој е цитиран од горенаведениот црковен извештај.
[1387] Драго Симовски . . . цит. извор, 19. 02. 2000.

Пред западната врата се наоѓала високо сосидана костурница. Во 19. век, на северозападната страна од црквата на ридот Балтепе се наоѓале и православните гробишта, кои на почетокот на 20. век се дислоцирани на нова локација каде што е изградена и црквата *Св. Димитрија*. Остатоци од старите гробови биле видно присутни и во триесеттите години на 20. век. Михаил Јанушев присетувајќи се на тие години го опишува амбиентот на овој дел од дворот над црквата *Св. Никола*: *Над црквата – ледина од која наместа штрчат долгнавести плочи – здрави и скршени. тоа се напуштени гробишта што дождовите, водните дотоци и ветровите ги прекривале со дечении со земјени наслојки. На крајот од таа тревнесто-плочеста ледина зјае непокриен отвор на средето. Пред отворот полегната мермерна плоча со која некогаш бил затворан отворот. Оваа таинствена градба, е коскарница. само најсмелите понекогаш и се приближуваат, претпазливо, ја вотнуваат главата низ отворот и во полумракот успеваат да распознаат купишта човечки черепи и коски. . .* [1388]

Црквата *Св. Кирил и Методиј*, се наоѓа во маалото *Два Бреста*. Површината на црквата во нејзината основа е 828 м$^{2)}$ [1389]. Нејзината градба е започната во 1903 година а е завршена и осветена во 1925 година. Целата е сиданата од стружен камен, кој е симната од *Тетовското кале*. Според квадратурата била најголема во Р. Македонија. Од западната страна има мошне убав и пространтрем, кој зафаќа и по половина од јужната и северната страна на црквата и придонесува за мошне убавиот изглед на црквата. Црквата е без кубиња што докажува дека нејзината изградба започнала во турскиот период. Црквата е тробродна со два реда на столбови. Највпечатливиот дел на внатрешноста е големиот сидан иконостас со многубројни икони. Олтарот е исто така пространи е украсен со живопис, додека другите сидови не се живописани. На јужната страна се наоѓа двоспратна галерија.

Црковниот двор е пространи убаво уреден. Низ него во првата половина на 20. век поминувала и бразда. Од горната западна страна имало сидана ограда со ковано железо. Подот најпрвин бил од бетон, а потоа над него е поставен паркет. Во дворот постоел стар објект кој служел како црковна канцеларија а во 30 -тите години изградена е нова канцеларија со камбанерија.

Црквата *Св. Димитрија*, која се наоѓа на градските гробишта кои од месноста Колтук се пренесени во долот помеѓу маалото *Поток* и месноста *Дреноец*, изградена е во 1913 година. Нејзината површина е 94 м.кв [1390]. Нејзини тутори биле семејството Закоски, односно тетовскиот богаташ – рентиер Зако Манојловски, со неговите синови Томо и Мане Закоски[1391].

[1388] Михаил Јанушев, Далечни одгласи, Македонска Искара, Скопје, 2006, 28.
[1389] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф.бр. 57, Народен одбор . . . цит. фонд, 148.
[1390] Истото, 147
[1391] Глас Полога, Тетово, Црква Св. Димитрија на тетовском гробљу задужбина Заке Манојловића, 190, 14. 11. 1936, 3.

Во тоа време се водела како капела *Св. Дитрија*. До втората половина на триесеттите години не била осветена, апотоа во неа се служело, особено на *Митровден*, кога голем број на тетовски семејства доаѓалае на денот на нивната семејна слава или именден.

Св. Атанасиј на тетовското кале е всушност возобновената црква од истоимениот манастир од 13. век. Истата црква низ својата историја била разрушена најмалку три пати. Во 1512 година од Синан паша, во 1789 година, позадушувањето на Карпошовото востание. Повторно била возобновена со посебно султанско ираде во 1737 година, дадено на жителите на село Лавце. Третпат е разрушена од Абдураман паша во 1838 година. Интересен е фактот што локалните турски власти, при крајот на 19. век, дозволиле, една група граѓани на чело со бугарскиот учител Андреа Стојанов, кој тогаш работел во Тетово, да ги раскопаат остатоците од старата манастирска црква. При тоа раскопување најдени се црквени кандила[1392].

Црквата по трет пат била возобновена врз остатоците на старата црква од кои при едно ископување од неколку тетовски граѓани при крајот на 19. век а со дозвола на турските власти извадиле повеќе црковни предмети. Повторното возобновување се случило во 1916 година а конечното осветување се извршило во 1922 година[1393]. Изградбата ја финансирал Томе Ѓерик (Геров), кројач од Тетово и неговото семејство кое подоцна се преселило во Скопје[1394].

Св. Георгиј Победоносец е црква во селото Мала Речица, која била разрушена уште во турскиот период. Спомените за оваа црква не згаснале кај граѓаните на Тетово[1395]. Оваа црква била возобновена по иницијатива и донација од семејството Митрушевски во 1934 година, поточно од Ѓорѓија Митрушевски – Ѓоце Митруш[1396] и друштвото на братството *Св. Троица*[1397]. Во јануари 1935 година, црквата била срушена од непознати сторители или од голем снег[1398], па истата година бил формиран нов одбор, кој повторно ја возобновил истата[1399]. Тоа било повод посетите на ова место да станат масовни, не само за време на празниците, туку и како излетничко место.

[1392] Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 32.
[1393] ДАРМ, Скопје, Духовен суд Скопје, писмо од Православниот окружен протопрезвитеријат во Тетово, бр. 1607 од 18. 11. 1925 год. Несреден фонд.
[1394] Глас Полога, Тетово, бр. 306, 04.02. 1939, 2. Звоното на камбанеријата го подарил Раде Јовановиќ, познат печалбар од Тетово во 1939 година.
[1395] Мирко Станковски, Документи за тетовските парохии пред 1945, Тетово, 2011, 80. *Еден угледен сограѓанин Ѓорѓе Митрушевиќ од Тетово, ми го покажа местото над муслиманското село Речица и тоа на три километри југозападно од Тетово, каде постојат урнатини од некогашниот храм на Св. недела, каде нашите стари се собирале на молитва, а за Ѓурѓовден имало собир. На тоа место и на тие урнатини е подигната во 1933 година црква. Надзор при работата водел Аврам Величковиќ, тетовски парох.*
[1396] Глас Полога, Тетово, бр. 312 и 313, 25. 03. 1939, 2.
[1397] Мирко Станковски, Документи за тетовските парохии од 1945, Тетово, 2011, 63, (скрипта).
[1398] Истото, 86 - 88.
[1399] Глас Полога, Тетово, Поново се подиже црква Св. Ѓорѓија у с. Малој Речици, 28.09. 1935, 2.

*Трговски објекти.*Најкарактеристичен трговски објект од турскиот период е *безистенот*. Зборот безистен потекнува од турскиот збор *без* што значел ткаенина, односно место каде што се продаваат ткаенини. Безистенот бил заеднички приземен објект или со спрат, во кој низ поширoки и потесни ходници се наоѓале трговски дуќани. Најчесто безистенот бил изграден од тврд материјал, со високи сводови.

Тетовскиот безистен се наоѓал во самиот центар на градот. (онаму каде што денес од него започнува Булеварот *Илинден*) Тој полека ја губел својата улога како целина, но се до рушењето на неговите последни дуќани во почетокот на 60 -тите години на 20. век. Во контекст на името, кое означува место за продажба на ткаенини, и последните дуќани во него биле поврзани со тоа. Имено, таму се наоѓале кројачките дуќани на Ецо Шаутан, Душан Шаутан и Јошко Моне и женскиот кројач Мара Бунева. Покарај овие дуќани имало и дуќани на чевларот Младен Ќељмиов, адвокатска канцеларија и кафеаната Безистен, на илинденецот Ристо Сичан [1400].

Дуќани. Најголемиот број дуќани се наоѓале на улиците кои гравитирале кон центарот и во самиот центар наречен *Бунар*. До 1925 година во градот преовладувале ориенталните градби на дуќани типични за Османлиската држава. Тие претежно биле мали градби со површина до 10 м^2. Материјалот од кој биле градени бил идентичниот од кој се граделе и куќите во тоа време, освен магацините кои се наоѓале во задниот дел на дуќанот кои биле од поцврста градба. Подот бил над нивото на улицата. Дуќаните од предната страна кон улицата се затворале со кепенци. *Долгиот кепенец на прозорците се спуштал со конзоли кои претставувале продолжение на гредите кои го држеле подот, а се потпирал на вертикално поставени столбови. Горните капаци се кревале кон стреата за која се закачувале со железна кука прцврстена на роговите на покривот. Дуќанот се затворал со вовлекување на попречната греда во специјално за тоа направени железни лежишта*[1401].

Дуќаните со отворените кепенци биле сосема отворени кон улицата и се подавале на минувачите. Занаетчиите работеле, внатре, на самиот праг, дури и пред дуќаните, така што муштериите целосно ја гледале нивната работа. Повеќето од готовите производи биле ставени и обесени на самите греди на влезот од дуќаните.

*Угостителски објекти.*Во периодот до 1912 година, но и подоцна до 1920 година, во Македонија не постоеле никакви услови за развој на туризмот. Туризмот како понова стопанска гранка барал посебни услови како што се: слобода и безбедност на движењето,

[1400] Драго Симовски . . . цит. извор,
[1401] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиевска, Животот во Скопје 1918 – 1941, Музеј на град Скопје, 2002, 97 – 97.

инфраструктура: патишта, водоводи, хотелски капацитети, потоа туристички здруженија и оспособен кадар за таква дејност.

Условите во тетовскиот крај, барем до 1920 година биле крајно неповолни и речиси не исполнувале ниту еден од овие основни барања. Она што традиционално било застапено од угостителството е поврзано со условите на живеење во Османлиското Царство. Објектите за сместување се викале *анови*[1402] и *каравансари*[1403].

На патиштата, се среќавале каравансараите[1404] чија основна намена била обезбедување на преноќиште и основна храна за караваните, ретките патници и татарската пошта храна и покрив за коњите, камилите и сл. На патот помеѓу Тетово и Скопје, според едни истражувања, постоеле два ана, во Буковик и Групчин, а на патот кон Гостивар имало само еден ан кај Жеровјане[1405]. Сепак во литературата и изворите се среќаваат податоци за други анови., како што се еден меѓу Рогле и Ново Село, Семениште, во близина на с. Бојане, Групчин и Чифлик[1406]. Патеписецот од Русија Петар Ритих, кој поминал на релацијата Скопје - Тетово во 1901 година споменува дека имало 5 кафеани и сите ги држеле Албанци[1407]. Од овие анови, Ритих ги посетил во селата Семениста (Семениште) и Групчин. Според неговиот опис овие *кафеани*, како што тој ги нарекува ановите и каравансараите, се од не голем размер и биле слични на селски колиби. Сите имале штали, во кои се запирале не само коњи и добиток, туку и луѓе. На патот кон Косово, кон крајот на 19. век во селото Беловиште имало еден ан со ковачница[1408]. За удобство на луѓето имало земјени, понекогаш дрвени кревети. Во кафеаните немало никаков мебел. Се нудело исклучиво неизбежното кафе и тутун за луле. И во градот до 19. век имало каравансараи.

Еден таков каравансарај бил "Лизгаровиот ан", кој се наоѓал на аголот на улицата "Принц Ѓорѓе" и улицата "Принцеза Јелена", (денес кај трафиките до комплексот Чешел на улица "Т. Ц. Мерџан" – Б. С.). Улогата на каравансараите главно била слична со улогата на денешните хотели. Единствената разлика била во денешната конструкција, бидејќи каравансараите патем биле и тврдини, каде што на патниците, односно на трговците им бил обезбеден престојот, со што биле заштитени од секоја кражба и уценување. *Оттаму и Лизгаровиот ан бил изграден од камен со дебели ѕидови и со утврдени капии кои се затворале*

[1402] Зборот *ан* потекнува од турскиот збор *хан* што значи конак, престојувалиште, куќа која прима странци и патници.

[1403] Зборот *каравансарај* потекнува од персискиот збор *караван*, што значел патување на повеќе камили натоварени со трговска стока и турскиот збор *сарај*, што значело палата, долема куќа.

[1404] Илија Петрушевски, Ановите и каравансараите во Македонија, Историја, Скопје, 1984, бр. 2, 426.

[1405] Истото.

[1406] М. А. Селищев, *Полог и его болгарское население,* София, 1929, 52; Јован Ф. Трифуноски, Скопски Дервен . . . цит. дело, 64.

[1407] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 91.

[1408] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, бр. 47, 15. 08. 1894, 2.

уште во приквечерината, така што преку ноќта бил прекината секаков контакт со надворешниот свет[1409].

Во градот имало анови: *Синџирли, Поречки, Призренски, Вратнички* или *Тевдов, Теаречки, Лешочки, Лизгаров, Батал* и *Дајљов ан, анот на Заковци*[1410]. Сите анови во Тетово ги поседувале Македонци.

Ановите се состоеле од еден голем ограден двор, во кој се влегувало во преку големи и тешки порти. Ѕидовите на анот биле високи и изградени од камен, така што целата градба оддавала впечаток на една мала тврдина. Портите често биле обложени со железни плочки. Од едната страна на вратата, во аголот се наоѓала ковачница и налбатница, а малку понатаму и коњушница, наречена *јахар,* која се состоела од едно пространо одделение, кое можело да прими по неколку стотини коњи[1411]. Од сите страни на јахарот, по ѕидовите се наоѓале јаслите, а во средината место за опремата, стоката и патниците. Во средината се наоѓало и огништето, каде се кувала, храната, водата, кафето и сл. Од другата страна на портата се наоѓале следните одделенија: меана или дуќан, соба за анџијата, визба за пиењето и останатите намирници. Спротивно на страната на портата во анот се наоѓала мала врата која служела за внесување на сено за коњите.

Ановите се затворале пред зајдисонцето и потоа многу тешко се влегувало во нив. Поголемите анови се граделе на спрат и тоа претежно во 19. век. На горниот спрат се наоѓале одаите за спиење на патниците, а на приземјето се наоѓале шталите. Хигиената во нив најчесто била на мошне ниско ниво.

Главни корисници на ановите биле селаните кои во групи во очи на пазарниот ден, пристигале со своите запрежни коли полни со продукти, или пешки со стоката, заморени од целодневното патување до градот, се засолнувале. Некои од имињата на ановите укажуваат од кои села доаѓале на престој во тие анови. Така покрај Лешочкиот, Теаречкиот, Вратничкиот, Поречкиот и други анови постоеле и импровизирани дворови, како куќа ан во кои се сместувале селани од другите села. Така на пример, во пространата куќа на Форе Млекарот, со голем двор амбари и племња, оградено со турски високи ѕидови и врати, престојувале соселани, пријатели и роднини на неговиот татко како први доселеници од нивното село Волковија во 1912 година. Тие традиционално со години престојувале во оваа куќа за пазарните денови, како и за посета на лекар, па некои од нив, куќата ја сметале дека е ан. Бидејќи не се наплаќало, селаните на домаќинот понекогаш му оставале по некој од свопите

[1409] Глас Полога, Тетово, Белег на градот Тетово, 18. 11. 1939.
[1410] Драго Симовски . . . цит. извор, 19. 02. 2000.
[1411] Б. Арсиќ, Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 51.

селски производи. Во едни такви околности во куќата се случувале разни случки, од отелување на крава или објагнила овца, па се до *ројснување* на животни и сл.

Каравансараите имале слична улога на ановите и со слична архитектура. Ги имало по патиштата, најчесто на 30 км оддалеченост, но ги имало и покрај селата и во градовите. Некои населби се создале токму покрај каравансараите. Поради овие сличности, патеписците од 19. и 20. век ги нарекувале ановите и каравансараите со двата називи. Каравансараите најчесто ги граделе видни личности во Османлиското општество.

Во градот постоеле и разни меани, крчми, чајџилници кои според услугата и капацитетот биле според барањата на тогашниот начин на живеење. Патеписците ги опишуваат главно како мали, без доволно светлина и валкани. Таквите објекти, како и ановите, по својот квалитет не се измениле многу ниту по завршетокот на Првата светска војна.

Единствениот угостителски објект кој во Тетово го носел името *Локанта*[1412], бил оној кој се наоѓал на месноста *Тумба*, на просторот меѓу *Јајчароо маало* и црквата *Св. Никола.* Локантата била пространа кафеана во која имало и мала бина. Токму затоа во неа било седиштето на Соколското друштво, Францускиот клуб и други друштва, а тука се одржувале различни собири, претстави, концерти и слични настани[1413].

Првиот *хотел* во Тетово се појавува во 1908 година. Него го отворил Томо Закоски[1414] во времето на Хуриетот, кога условите за живот во конзервативната и доминантно муслиманска средина се подобрува. Како таков хотелот функционирал се до 1922 година. За разлика од тогашните анови, овој објект драстично се разликувал со изгледот и услугите.

Во приземјето имало просторија за гардероба, а во задниот дел се наоѓале две штали за коњите и чезите на гостите. На првиот кат имало ресторан со кујна. На вториот кат биле собите за преноќување. Над вториот спрат имало голема таванска просторија, која претставувала салон за забави. Од тука преку спирални скали се одело во една посебно издадена просторија која штрчела над кровот од хотелот, наречена баџа во вид на шестоаголник со прозорци на сите страни. Во оваа просторија имало коџкарница, со прекрасен поглед на градот и ридот Балтепе, затоа што хотелот се наоѓал веднаш под

[1412] Првиот сопственик на локантата, Ристо Сичан, во илинденскиот период ја користел како пункт за чување на оружје, кое понатаму се предавало на комитските чети.Веднаш по првата светска војна во локантата е формиран првиот *Феанцуски клуб*, во Македонија и во нејзината сала за прв пат во затворен простор вежбале гимнастика членовите на тетовското соколско друштво. Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот . . . цит. дело, 31 - 32; Споменица . . . цит. дело, 1050; Сеќавања на Драго Симовски . . . цит. извор, 19.02.2000.

[1413] Драго Симовски, цит. извор, 08. 12. 2000.

[1414] Според искажувањата на Војо Закоски, (1940 - 2013), пензионер од Тетово и неговата фото архива. Објектот и денес постои и во него се наоѓа семејната куќа на семејството Закоски.

центарот на маалото Два бреста, во близината на црквата Св. Кирил и Методиј. Мебелот бил изработен во длабока резба и седеф, а прозорците со стакла во различни бои.

Како дополнителна атракција, во дворот имало шадрван во кој имало златни рипки, потоа низ малиот двор шетале пауни, една антилопа, а во кафези се чувале украсни гулаби.

Во Хотелот имало модерна, за тоа време инсталација, а располагал со чеза и со пајтон. За потребите на овој привлечен хотел имало придружен објект во кој биле сместени ашчиите (куварите) и другиот помошен персонал[1415].

Кон крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години во Тетово се градат неколку угостителски објекти кои ги задоволувале тогашните модерни стандарди за сместување на гостите. Такви угостителски капацитети биле хотелите[1416]: *Београд со* 40 кревети во сопственост на Милан и Гаљо Стефановски и Јоше Атанасовски, *Југославија* со 35 кревети, сопственост на *Тетовска индустриска банка* и *Јадран* со 50 кревети во сопственост на Давид Богоевски и Јоше Атанасовски, како и еден ресторан со неколку добро уредени спални. Со хотелот повеќе години управувал Паскал Ѓорѓески, кој во 1935 година целосно го обновил хотелот. *Код Скопљанца*, со 10 - 12 кревети, сопственост на Трајче Цветановски Пореч[1417].

Локантата бил објект во вид на еден поголем ресторант, во сопственост на Димко Аџи Глигуров. Иако не бил наменски граден, овој објект извршил значлајна улога во културните и спортските настани. Од 1920 година, овој објект сопственикот го издал под кирија на Францускиот клуб, Соколското друштво, Управата на ФК Љуботен, Градската плех музика, а тука се изведувале и тенцеви[1418].

Првиот *планинарски дом* во Македонија (1931 г.) е домот на Љуботен. Домот се наоѓа на горната граница на буковата шума во близина на староселското бачило на надморска височина од 1710 м. од домот до врвот на Љуботен има 2,5 до 3 часа одење. Имало три пространи одделенија и 15 кревети[1419].

Домот на Попова Шапка, отворен е во 1934 година, на надморска височина од 1780 м. Бил наменет за скијачите но го користеле и планинари и туристи. Имал 4 одделенија со 20 постели.

Во неделата на 11 ноември, оваа година се изврши осветувањето на туристичкиот дом на Попова Шапка, првиот скијачки дом на Шара. Чинот на осветувањето прота г.

[1415] Истото.
[1416] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 159, АК. 16, 17/174 - 331.
[1417] Според сеќавањата на Славјанка Покорни, (1912 - 1996), пензионерка од Тетово и ќерка на сопственикот Трајче Цветановски.
[1418] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 09. 2008.
[1419] Истото.

Јордан Поповиќ од Тетово, кој после осветувањето ги поздравил гостите а на скијачите им посака среќен почеток. После него, за градењето на овој дом, говореше инжинерот Орестије Крстиќ, претседател на Тиристичкото друштво "Југ"[1420] *од Скопје. При тоа ја изрази благодарноста кон инжинерот г. Брана Протиќ, кој бесплатно изработил бесплатен проект, на секретарот г. Радовиќ за завземањето за домот што поскоро да се заврши, потоа на господинот Чемерикиќ, начелник на VIII бановинско одделение и Министерството за физичко воспитување за доделената помош. Потоа г. Крстиќ, говореше воопшто за планинарењето и скијањето по нашите планини. . .*[1421]

Покасно се собираат средства и беше еден динар, една цигла. И секој даваше по една цигла за обновување и проширување на домот на Попова Шапка. Се собраа околу 50 000 динари. Македонија стана Бановина и имаше Секција по туризам на чие чело стана Арсов (адвокат). Тој ни помогна сесрдно, даде нови 50 000 динари и е изграден дом од 60 легла на спрат со кујна. . .[1422]

Во 1938 година постојниот Дом се проширува и добива капацитет од 150 легла во 14 простории, од кои две биле трпезарија и кујна. Со настојување на друштвото *Југ* во 1939 година во домот бил поставен телефон, а во близината на Домот била изградена и минијатурна хидроцентрала за неговите потреби. Постројките за неа ги подарила фирмата *Сименс*, претставништво Белград. Со вакви услови, Тетово ја збогатило својата туристичка понуда.

ПД *Љуботен* по Втората светска војна е меѓу првите друштва кои се обновуваат и заедно со скијачкото друштво, во склопот на Фискултурното друштво *Љуботен,* уште во текот на 1945 година, неколку месеци по ослободувањето на Тетово, започнале со обнова на Планинарскиот дом *Попова Шапка.*

Домот на Попова Шапка беше порушен од окупаторот. Фиск. Друш. "Љуботен" во Тетово превзеде на себе да го домот приспособи оште миналата година за да се искористи през зимата за скијање и скијачки утакмици. Се избра градежни одбор кој пристапи кон изградбата. Бидејќи да нашето друштво не стоеше материјално добро се пристапи кон прибирање на парична помошт од граѓаните на Тетово и околијата и со прибраните пари се отпочна подизањето на домот и до месец октомври 1945 година успеавме да го домот

[1420] Според Никола Николовски Коларот, ова друштво се нарекувало *Јужна Србија.*
[1421] Глас Полога, Тетово, Освећење туристичког дома на Шари, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.
[1422] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. бр. 769, Мирчо Савоски, професор во пензија, Тетово, АК - 1, Изјава на Кочо Богоевиќ од 1969 год.

покриеме[1423].Во 1948 година, ГП *Љуботен* го изгради новиот Планинарски дом на Попова Шапка[1424].

Во доцните дваесетти години се повеќе реката Пена се користела за капење. Младите луѓе правеле мали камени брани наречени *чатми*, на кои се собирале мали акумулации на вода погодни за пливање. Во месноста Бањиче имало и импровизирана *плажа*. Но чатми и плажи имало на реката и низ градот. Особена големи чатми се правеле под камените мостови а на излезот од градот, во рамниот дел, после кожарата на Џировци се наоѓала уште една песочна детска плажа, наречена *Пашина*.

Поради големите жештини во самиот град Тетово, плажата на реката Пена оживеа и е во полн ек. Капењето се обавува почнувајќи од црквата „Св. Богородица", па до тетовската бања „Хисар". Многубројните капачи имаат свои омилени места за капење на брзата, пенлива и како кристал чиста и бистра вода на реката Пена[1425].

Тетовчани се капеле на плажата на реката Вардар кај селото Сараќино и на вештачкото езеро Матка, крај Скопје. До овие излетнички места се патувало со редовната железничка линија, со посебни билети за овие релации[1426].Во втората половина на триесеттите години планинарското друштво *Шар Планина*[1427], започнало со изградба на пливачки базен (должина 40 х 12 м. со длабочина од 0,6 до 2 м.), но поради немање на доволно финансискисредства истиот базен никогаш не е довршен[1428].

Амамот е типично ориентален тип на градба, кој всушност како градско купатило го користеле сите граѓани, без оглед на верската припадност, со утврден ред, особено меѓу мажите и жените. Овој објект е изграден во почетокот на 15. век, реновиран и финансиран од страна на тетовските паши. Се наоѓал непосредно до камениот мост, на *Гостиарски Пут* и Шарената џамија. Изграден од камен и мермер, со две простории[1429], со топла и ладна вода и други помошни простории и со таа намена се користел се до почетокот на шеесетите години на 20. век. Амамот во првата половина на 20. век бил во сопственост на општината и таа го

[1423] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 170, Младинско фискултурно друштво Љуботен, Тетово, АК - 1, писмо бр. 166, 05. 11. 1946.

[1424] Нова Македонија, Скопје, Градежното претпријатие Љуботен во Тетово го натфрли годишниот план за 1948 година со 82 од сто, бр. 1243, 1.

[1425] Глас Полога, Тетово, бр. 227, 31. 07. 1937, 3.

[1426] Истото, бр. 228, 07. 08. 1937, 3.

[1427] Истото, бр. 232, 04. 09. 1937, 3.

[1428] Истото.

[1429] Амамот се состоел од три големи простории. Првата просторија *Шадрван* била користена за адаптација на внатрешната темература, релаксација и разговори. Втората просторија *Капалук* била за подготовка за капење на висока температура и третата просторија *Халвет бања*. Во Халветот од левата и десната страна имало две помали простории со топли бањи, од околни седишта од тули а во средина мермерните базени *Курни* со топла и ладна вода. Водата се загревала во котларницата сместена зад амамот на северната страна, како и резервоарот за вода.

издавала под наем на лицитација. Еден од оние кои долги години раководеле и работеле со амамот бил Сандрија, кој го добил прекарот *Бањаџија*[1430].

Саат кулата во Тетово, најверојатно потекнува од почетокот на 19. век. Била изградена од два дела и тоа првиот дел изѕидан две третини со камен и мермер, и горниот дел, една третина од дрво. Камениот дел во својата основа бил четириаголен и на неколку метри височина истиот добива осмоаголна форма. Со таква форма продолжува и со дрвениот дел, на кој имало саат и набљудувачница, еден вид на покриен чардак отворен кон сите четири страни. Неговата височина била над 40 метри. До неа се стигало по дрвени скали поставени спирално по ѕидовите од внатрешната страна на кулата. Скалите немале ограда. На кулата во вечерните часови дежурале градските стражари кои го набљудувале градот. Во случај на некој пожар, стражарите биле должни да испукаат од своите пушки за да се алармираат граѓаните и да се мобилизираат за одбрана на градот од таква или некоја друга непогода[1431]. Последниот стражар се викал Андро од Колтук. Кулата во почетокот на триесеттите години била срушена по наредба на тогашниот градоначалник Орестије Крстиќ[1432].

Покрај импровизираните кино објекти во Тетово имало и две големи *кино сали*, кои со својот капацитет, ги задоволуваа потребите на градот се до крајот на 80 – тите години, кога замрела оваа дејност во градот.

*Индустриски објекти.*Најголемиот градежен објект во индустријата,пред појавата на фабриката *Тетекс* (1951 г.) била *тутунската станица*, која имала два големи магацини на приземје и три спрата, кои заедно со другите придружни објекти зафаќале простор од вкупно 2.621 м^2 во основа.Во 1947 година изградена е зградата на Овошниот расадник во Тетово со површина од 780 м^2.Во 1946 година била изградена тракторска станица со површина од 500 м^2.

4.3 СЕМЕЈНИ ОБЈЕКТИ

Во 20. век тетовската архитектура наследува специфична градба за македонското поднебје создавана низ вековите од страна на народниот генијј. Оформувањето на македонската народна куќа од многуте генерации неимари се водела според критериумите на потребите, начинот на живеењето, менталитетот, поднебјето, општествено-политичкото опкружување и влијанијата на другите култури. Во честите изолации, во побогатите тетовски куќи имало вистински мали параклиси, каде што семејството ги задоволувало своите религиозни и духовни потреби.Интимноста на оградените, убаво уредени дворови и чардаците свртени кон

[1430] Драго Симовски, цит. извор, 08.12. 2005.
[1431] Истото, 05. 04. 2000 и 30.11. 2005. Архива – Б.С. Мермерните блокови од срушената кула, биле употребени за банкини на првите проектирани улици во градот уште во 1935 година. Најмногу од нив, до 2004 година беа во функција на ул. *Т.Ц. Мерџан.* Според него на оваа улица биле поставени околу 450 блокови, кои лично ги изброил.
[1432] Кузман Најденовски, Тетово во . . . цит. дело, 136.

нив и кон сонцето, а не кон улицата биле простор за дружење и облагородено слободно време во приквечерината на работните денови и по разниците. Заштитениот интимен простор низ оградните ѕидови и *дворните врати* лесно комуницирал со блиските комшиски дворови преку *капиците*. Ваквите специфични услови за живот влијаеле и врз архитектурата на семејната куќа[1433].

Таканаречените *историски форми на градење*[1434] живеалишта на овие простори не водат длабоко во историјата до времето на неолитот, преку античкиот, средновековниот (византиски) и османлиски тип на куќи. Битно влијание во историската форма имале и живелиштата на Словените.

Материјалот од кој се граделе тетовските куќи се состоел од *плит* и греди, односно црвениката се мешала со слама и тоа се ставало меѓу гредите. Таквиот материјал служел како дренажа за да не се растура и да држи топло а над него малтерче (вар и песок) и се ставало врз црвениката дури е мокра[1435]. Истата црвеника била и подлога на подот, кога во куќите немало патос. Над црвениката се ставал мутав од козина. Во тогашните куќи немало тавани[1436]. На кровот биле поставувани традиционални керамиди од глина, *керпичи* со едноставен облик.

Првите приватни куќи градени од цигла и железни шини, наместо греди започнале да се градат во самиот почеток на 20. век. Материјалите, кои не се произведувале во Тетовско биле набавувани од Солун, а меѓу првите куќи од таков вид биле оние на аптекарот Александар Парлиќ, Божин Лале и др[1437]. Помасовна изградба на нов тип на куќи *ала франга* се случила кон самиот крај на 20-тите години и во 30-тите години на 20. век. Според една статистика во периодот од 1919 до 1936 година, во градот од вкупно 4.446 куќи, новоподигнати семејни објекти биле околу 250. Овој тип на куќи биле плански градени, изготвени од архитекти или градежни техничари.

Муслиманските куќи во Тетово, кои во почетокот на 20. век, Македонците ги купувале и се повеќе се населувале во нив, се дел од нивната култура на живеење во еден временски периодот. Македонците лесно ги прифаќале муслиманските куќи за живеење, од проста причина што тие нуделе комодитет, како во самите објекти, така и во пространите дворни простори. Со нивното рамнинско лоцирање, претежно ги карактеризираат неколку битни елементи: приземје (со простории од секундарен карактер), кат (со истурен чардак со простории за ноќен и дневен престој), исфрлен чардак наречен *диван – хане* (простор за

[1433] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006.
[1434] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 57. Овој труд детално се занимава со формирањето и типологијата на градските куќи.
[1435] Драго Симовски . . . цит. извор, 02. 06. 2006.
[1436] Истото.
[1437] Истото, 24. 03. 2006.

уживање) и големи и богати со зеленило, градини[1438]. Ваквите функции на муслиманската куќа новите сопственици Македонци - христијани ги прилагодувале кон своите потреби до извесен степен, а одредени простории добивале нови функции, особено ако истите биле купувани од Македонци кои претходно живееле во село.

Градителството во Тетово во првата половина на 20. век е типичен пример на спојот помеѓу истокот и западот, старото и новото, развивајќи се под повеќе влијанија. Во околности типични за Османлиското владеење, македонската куќа имала свои просторни ограничувања, а во Тетово до првите децении на 19. век на христијаните им било забрането да градат куќи на два спрата. Но реформите во Османлиското царство, довеле до извесни слободи во изразувањето и во архитектурата, што довело до појава на создавање на *најубавите примероци на македонската градска архитектура*[1439].

При крајот на турското владеење, Ѓ. Петров не го крие воодушевувањето од убавините на тетовските куќи и особено дворовите. Македонските куќи ги опишува како тесно збиени и со мали дворови за разлика од пространите дворови на тетовските Турци, но затоа истите имаат широки градини, со вообичаено посадени овошни дрва и накитени со цвеќиња. Во нив владеела примерна чистота. Низ секој тетовски двор протекувала брзата вода низ браздите[1440].

Проучувањата на македонската традиционална куќа покажуваат дека таа *ги задоволува основните потреби за живеење, одмор, работа и разонода на човекот, така што во неа среќаваме простории кои по својата функција ги опфаќаат наведените потреби. Живеењето на Македонецот во најчест случај е одвоен од земјата, на катот со што се постигнати поголеми предности од живеењето во приземје- подобра инсолација, ветрење, избегнување на влага, безбедност*[1441].

Функционалноста на самите простории во куќата и нивната намена ги дефинирала називите на истите, на пр. Куќата на Никифор Меновски (Форе Млекарот) [1442] : *К'j*

[1438] Љупчо Филиповски, Владимир Бошковски, Наследната архитектура во Тетово и Пологот, Бигорски научно – културни собори, IV научен собир, Полог низ вековите, Тетово, 1978, Скопје 1980, 140.

[1439] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 47.

[1440] *Кога ќе влезеш во тетовските куќи, прв пат, те поздравуваат тие бразди со своето шумотење. Тетовчаните знаеле да го искористат тој дар на природата, па така секаде низ куќите браздите минуваат низ зеленило и под густи сенки. Среде летото да поседиш на зелената трева крај шумовитата бистра планинска вода со цветови околу тебе и под сенката на овошните дрва, покриени со плодови, тоа е едно од ретките природни задоволства во еден град, а во Тетово тоа е најобично нешто.*

[1441] Радомир Вољинец, Јасмина Хациева - Алексиевска, Старата тетовска куќа, Архитектурата на почвата на Македонија, книга 10, МАНУ, Скопје, 2000, 11.

[1442] Радослав Меновски . . . цит. извор, 26. 10. 2010. Куќата се наоѓала на ул. *Андреа Штампар* (по војната *29 Ноември*) бр. 10. Куќата била изградена во 19. век и претставувала типично турски тип на тетовска куќа, која од ова македонско печалбарско семејство од с. Волковија е купена во 1912 год. Наследениот распоред на собите останал ист но некои од нив добиле нова намена и нови називи, прилагодени на едно семејство од село. Во почетокот на триесеттите години на 20. век, кога во куќата

ковчезите(соба во која се чувале невестинските носии, рубата, постелнините и сл.), *К'ј иконата* (просторот каде што се чувале иконите, садовите за крстена вода, кандило, за темјанот и др.); *К'ј огништето* (таму се чувале, во едниот преграден дел имало огниште кое служело за пушење на месо, висмајнци, колбаси, бабулиња, низите со лук, кромид, црвен лут и благ пипер и друга храна, а од костеновите греди виселе куки, ланци и ченгели, на кој се сушело место, а во другиот дел стоел домашниот разбој со пропратните делови, мотало, штрени, клупци, клупи); *К'ј клетот* (тука се чувале бочви, буриња, фучии, каци, балони со вино, ракија, оцет и во еден дел целокупниот алат за земјоделство); *Визбата* (се чувало зимница од биено сирење, кисела зелка, сите видови на туршии, мушмули во бутин, дибек и дрвен аван за толчење на пиперот и издлабен каменен аван за толчење на кафе, наут, леблебија и сл.; *Подчардак* (претсобје или пролаз до сите простории во приземјето и скалите до спратот; *Чардак* (отворено од едната страна претсобје од кое се влегувало до гостинската соба со кујна, спалната, кај иконите, кај огништето и кај ковчезите во кој имало миндерлоци, на кои преку лето се спиело); *Поддигнат чардак* (дел од чардакот со испуст кон дворот, подигнат од нивото на чардакот на дрвена конструкција и околу со железна ограда; *К'ј Миндерлоците* (спуштениот внатрешен дел на чардакот), *Гостинска соба со кујниче* (маса со 6 столици, ќумбе, долапи, метален кревет а во кујниче со долапи за садови и садови и подвижно казанче со чешма и лавабо со одвод во ѕидот); *Спална соба* (два костенови шифуњери, два железни кревети со месингани рамки, високо ќумбе со проширен дел за камења кои по загревањето зрачеле топлина, наткасни и тоалет огледало и долапи, во кои во една од вратите се влегува во амамџикот, кој бил за една скала повисок); *Амамџик* (бања во која се влегува од спалната со димензии 80 цм х 150 цм., со бетониран под, без прозор, со отвор со *жалузина*, со два ѕида од костеново дрво а другите два малтерисани. Во него имало две камени садови во кои се става топла и ладна вода и одвод од камен и метална решетка.); *Летна кујна* (под скалите со ниско вратиче, во кој имало шпорет, два кревета, сталажи со садови, каде што се готвело главното јадење и масиче)

Тетовските куќи, градени во 19. век и во првата деценија на 20. век, според традициона архитектура се делат на христијански и муслимански и се разликувале по својата програмска содржина. Освен тоа, тие се разликувале и по тоа што муслиманските куќи се граделе во рамниот дел на градот во склоп на мошне пространи дворови, оградени со високи ѕидови, додека христијанските куќи се наоѓале во горниот дел на градот во стеснет простор, со многу помали дворови. Турските куќи оделе во широчина а македонските во височина. Вистинската раскошност на идеи внесени во внатрешниот распоред и надворешниот изглед на тетовската

доаѓа невеста од градот, собите се повеќе добиваат нов изглед и функција, карактеристична за градскиот тип на внатрешно уредување. Вакви куќи во Тетово имало во приличен број, благодарејќи на емиграцијата на Турците и враќањето на поголем број печалбари од Тетово и Тетовско во градот, кои претежно работеле во Романија.

македонска куќа се резултат, меѓудругото и на различниот, претежно стрмен терен, мала градежна површина и големата имагинација на македонскиот неимар. Тетовската македонска куќа имала развиена, типично градска содржина со поделаба на три функционални групи *кои ги задоволуваат потребите за работа, одмор и прием, доследно направена и тоа по вертикала*[1443].

Косата поставеност на горниот дел на градот, каде што се наоѓале куќите на Македонците го диктирала изгледот на куќите. Тие се прилагодувале на конфигурацијата на земјиштето, односот кон соседот и стандардите (сублимација на историски, економски и културни услови со фактори – мајстори, сопственици, традиција. . .) на градењето во тој период. Токму затоа, основата на тетовските христијански куќи имале неправилна форма.

Куќите со дворовите на Македонците биле оградени со посебни ѕидови правени од земја набиена во дрвени калапи и така редена во ѕидот. Тие имале широчина од 60 цм., кои подеднакво навлегуваат во дворовите од комшиите. Оградата била покриена си ќерамиди со стреа, за да ја заштити оградата од ерозија од дождови. Овие огради биле пониски од оние кои ги правеле Турците и другите муслимани во градот[1444].

Поставеноста на тетовската куќа, претежно е на работ од дворот која гледа кон улицата или на аголот од два раба доколку парцелата се наоѓала меѓу две улици или сокачиња. Не ретко, куќите на соседите биле прилепени една до друга доколку со предната страна се свртени кон некоја од поглавните улички, а позади нив се простирале не така мали дворови опкружени со ѕидови, така што, кога ќе се поминело низ проод-простор или прооден трем на куќата се излегувало во дворовите кои во себе ги содржеле убаво уреденото зеленило со цвеќињата, силниот жубор на тетовските јазови и бразди и нагласената интимност на просторот. Всушност тетовската куќа *припаѓа на оној вид објекти во кои и дворната ограда како и портата учествуваат во дефинирањето на нејзиниот изглед од страна на улицата*[1445]. Надворешниот изглед на куќата кон улицата трпел нејзини влијанија (поставеност на влезот, постоење на дуќан или фурна, дури и благи агли на ѕидовите прилагодени на неправилната линија на улицата, пуштени еркери на катот на приземјето и сл.). Редок е случајот на македонските куќи во Тетово кои немале двор или со поставеност на куќата на средината од дворот. Дворовите во највисоките делови на градот се прилично помали од оние во подолните делови на падината, каде што воедно живеело и посиромашно население и се забележува поголема густина на градење.

[1443] Истото, 95.
[1444] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 02. 2007.
[1445] Архитектурата на почвата на Македонија, Книга 10, МАНУ, Скопје, 2000, 94.

Низ скалесто поставените куќи се провирале хоризонтални и вертикални улички и сокаци со неправилни линии и правци, што во одредени делови на градот оддавале впечаток на вистински лавиринти. Движењето низ маалата освен по улиците и сокаците се одвивал и низ капиците (мали дрвени врати, вградени во високите ѕидови, низ кои луѓето повеќе се провирале отколку што поминувале) кои не се заклучувале и често имале заштитна функција за слободно движење меѓу соседите, особено на жените, децата и луѓето кои биле следени од органите на прогонот од разните туѓи режими.

Во куќите се влегувало низ ***порти***, вградени во високите дворни огради и многу почесто во самите куќи кои со своите предни или странични ѕидови имале еден до два влеза. Влезот зависно од поставеноста на куќата на долната или горната страна на улицата може да биде поставен на најниско или на највисоко ниво на куќата. Најчесто од вратата се влегувало во тремот чиј правец на движење бил од оздола кон нагоре или обратно (од озгора кон надоле) во зависност на кое ниво на куќата е влезната врата. Се разбира имало и тремови во кои движењето е хоризонтално без нагиби. Кога постојат два влеза, еден е на најниско ниво и еден на едно од следните нивоа. Во куќите можело, не ретко да се влегува и низ долниот дел од куќата, од внатрешната страна која гледа кон дворот. Тој влез, речиси без исклучок го користеле само домашните луѓе.

Во оние куќи кои што се наоѓале од доланата страна на улицата, односно влезната порта е на повисоко ниво, тремовите по влезната врата завршувале и со чардаци на спротивната страна од куќата од кој се простирал убав поглед.

Секоја просторија или дел од неа имала своја посебна намена во куќата. Ваквите простории се основните елементи на куќата. Според функциите на елемнтите на семејните куќи во македонските градови, а со тоа и во Тетово, направено е групирање на: простории за живеење (куќа, соба за престој, одаја, чардак); репрезентативни простории (гостинска и приемна одаја); стопански простории (штала, котар, дрварник, визба); комуникациски простории (чардак, хол трем, ходник); санитарни простории (клозет, амамџик, перална); и специфични простории (дуќани, фурни, анови)[1446]. Во специфичните простории би ја додале и просторијата каде се вршеле верските обреди, иако за ваквата намена почесто се издвојувал еден посебен дел од просторијата за дневен престој.

Одредени простории, во куќата имале и двојна или тројна намена, зависно од бројот на семејството, неговата економска моќ или видот на занимавањето (занаетот) што го работеле членови на семејството.

[1446] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 72.

Чардакот како трем на кат пред собите, во Тетово се среќава мошне често и речиси бил неодминлив елемент на куќата, како кај муслиманите така и кај христијаните. Чардакот во Тетово бил секогаш свртен кон дворот, и мошне ретко кон улицата. Со ваквата поставеност, овој простор визуелно комуницирал со зеленилото на бавчите и воедно ја сочувувал интимноста. За разлика од тремот, чардакот во еден свој дел најчесто е и еркерно испуштен и ја завземал најчесто централната позиција на куќата. Поретко во Тетово се среќавале и куќи со два чардака еден над друг на првиот и вториот кат. Чардакот навистина имал голема улога во тетовските куќи и тоа како комуникациска и репрезентативна просторија за гости и прослави, но и просторија за дневен престој а во летните месеци и како спална.

Кај турските куќи во Тетово, кои Македонците ги купувале уште во втората деценија на 20. век, се среќаваат неколку модулации подот на чардакот со посебни функции: простор за комуницирање, погоре – миндерлок за седење и спиење, потоа ќошк уште погоре – за прием, одмор и разонода[1447].

Тетовските чардаци ги карактеризира нивната поврзаност со ходник[1448], тесен и долг простор кој почесто е издвоен со врата. Ходникот го поврзувал чардакот со скалите за приземје или некоја просторија од куќата. Исто така чардакот комуницирал и со просториите за гости и спалните соби од неговата лева и десна страна. Во Тетово се среќавале и чардаци со трој – обично отворен простор и се надоврзува со затворениот простор на чардакот, кој го збогатува просторот со две спротивности поставени една покрај друга, отворено – затворено. Од затворената страна на чардакот, најчесто имало прозорци кои гледале кон улицата и тој простор се нарекувал и *џамлок*[1449]. Тројот вообичаено се правел кога чардаците се вовлечени во дворот, па овој простор во летните месеци се користел за одмор и спиење а нуди и разновидност на видици[1450].

Чардаците биле во различни форми, големини и имало отворени, затворени и полуотворени. Доминантен материјал од кои се изградени чардаците е дрвото. Столбовите се вообичаено дрвени греди, кои во одредени случаи се убаво изработени, подот од штици и таванот кој содржел и украсни елементи во резба, особено розетата. Скалите се исклучиво дрвени и ги има во најразлични форми и голем број на комбинации на нивна поставеност во однос на чардакот (странично, централно, во отворениот или затворениот дел на чардакот). Ѕидовите на чардакот се малтерисани и варосани. Поретко се среќаваат други зидани елементи или елементи од ковано железо како што се косниците и оградите.

[1447] Истото, 73.
[1448] Истото, 101.
[1449] Рада Јоргушеска (1928 – 2010), пензионер од Тетово, лична архива Б.С.
[1450] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 77.

Влезни простории во кои спаѓа и ајатот, имаат исклучиво комуникативна улога. Меѓу дворот или улицата со внатрешните простории и се наоѓаат во приземниот дел. Преку скалите кои се сместени во нив, влезните простории се поврзани со катовите.

Ајат или *трем*. Старите тетовски семејства овој простор го нарекувале ајат, додека новодојдените семејства од полошките села го нарекувале *трем*, а некои *клет*. Ајатот секогаш се наоѓал на приземјето, затворен со зидови од просториите околу него, освен пред влезот на куќата кој вообичаено е свртен кон дворот и бил наткриен со површина на катот, односно чардакот. Подот на ајатот би земјен или поплочуван со рамни камени плочи - *каменлија*. Ајатот служел како комуникативен простор, но и простор за чување на одредени предмети и алатки. Во ајатот имало казан со сацаеки тука се пореле алишта. Мошне често, ајатот или тремот во неговиот влезен дел од надвор кон внатре во куќата е понизок и се поклопува со висината на отворот а се зголемува во зависност од косината на теренот каде што куќата е изградена[1451]. Во градот постоеле и куќи без ајат.

Скалите биле дрвени и се наоѓале во тремот и чардакот. Скалите биле еднокраки и двокраки[1452]. Постоеле и куќи со надворешни скали.

Кујниче е работна кујна во куќата, во нејзиниот приземен дел, без таван или таван со штици, потоа на меѓукатот и на катот[1453]. Ѕидовите се најчесто од камен и немалтерисани со два прозорци, кои гледаат кон дворот и странично, доколку куќата не е прилепена кон друга куќа. Подовите поплочени и поретко земјени. Кујничето се состои од огниште, влажен јазол, полици, работен простор. Во тетовските куќи ретко имало кујна на кат, па во тој случај приземната просторија служела како *летна кујна*. Во муслиманските куќи, кујната се делела на две простории – *мутвак*, со заеднички оџак. Овој оџак се користел и за **кафе-оџакот**, просторија која се наоѓала на катот над кујната и служела исклучиво за печење на кафе.

*Ќилер*или*Џере*(тур.), е мала просторија за чување на храната. Најчесто се наоѓа во приземјето покрај кујничето со што се функционално поврзани овие две простории.

Собата е просторија која обединува неколку функции за дневен престој, јадење, спиење, пречекување гости и др. Собите често ги нарекувале *одае*[1454].

Собите за дневен престој, вообичаено истите не се користеле преку целата година. Имало летни и зимски дневни соби. Летните соби биле на катот а зимските во приземје или меѓукат. Во приземје дневната соба е заедно или до кујната.

[1451] Истото, 83.
[1452] Истото, 101.
[1453] Истото, 102.
[1454] Александар Санко Ристоски, цит. извор и Александра Ристоска (1927 -), пензионерка од Тетово, Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 08. 2006.

Во Тетово се среќавале и соби за дневен престој на највисокото ниво од куќите кои се граделе сами над катовите и имале функција на видиковец. Овие мансардни соби во Тетово се нарекувале *баба финга* или *баџа*[1455]. Преку овие соби се обезбедувал прекрасен видик кон долниот дел од градот и полето. Некои од овие соби биле со многу прозорци за да се постигне ефектот, за кој истите биле градени.

Дневните соби најчесто биле опремени со вграден мебел, камин во помал број на случаеви, долапи за облека, душеклок за постелина и облека, миндери за седење, полици, ниши и други елементи кои се поставени на краевите од собата, а централниот дел бил за мангалот, кој а загревал просторијата, софрата, а подоцна масата со столовите.

Подовите биле од дрво, врз кои биле послани рачно изработени килими со богат колорит и различни мотиви. Ѕидовите биле од камен или со малтер, на кои во побогатите куќи имало опшиви од дрвени лајсни со одредени украсни елементи. Во зидовите имало вдлабнатини со дрвени врати, наречени *долапи.* Таваните биле изработувани од дрвен материјал на кој во средишниот дел се наоѓале богато изработена розета. Резбата била присутна повеќе во беговските куќи и неа ја имало врз дрвените делови од вградениот мебел[1456]. Дневните соби биле добро осветлени со редица прозорци на еден или два ѕида.

Гостинската соба е најрепрезентативниот дел на куќата, таа по својата внатрешна уреденост и најубавата позиција на најгорниот кат има посебен третман на чување. Покрај убавиот поглед кон надвор, во приемната соба се наоѓале најубвиот мебел, килими и други украсни елементи со кои располагало домаќинството. Ѕидовите во приемните соби шесто биле насликани со различни мотиви.

Кај Иконите е место во куќата каде се извршувале молитвените обреди. Тоа место можело да биде еден дел или агол од дневната или друга соба, но се среќавало и како посебна просторија. Овој дел од куќата најчесто се нарекувал *К'ј иконете*, *Пред икона,* но се среќава и *К'ј кандилото*, а во случајот со куќата на Саво Симовски се нарекувало *Иконистас*[1457].

*Визбите*или подрумите биле речиси неодминлив дел од тетовската куќа, каде што се чувале разни продукти и предмети, како што се зимницата, дрвата за огрев и др. Визбите се состоеле од една или повеќе простории, во кои, секоја од нив е за чување посебни продукти или предмети. Зидовите на визбите биле од камен и не малтерисани. Подот бил земјен или поплочен. На таванот се гледале гредите и штиците од подот на катот. Визбата комуницирала

[1455] Називот *баџа* повеќе се употребувал за отворите во покривот низ кој излегувал чадот од огништето, особено во селските куќи.
[1456] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 91.
[1457] Драго Симовски . . . цит. извор, 02. 06. 2006. *Пошто прадедоми мој биу цела година биу на аџилак и тој имаше иконе. Местото се викало у куќата Иконистас и изгледаше многу убоо.*

со ајатот, шталата, летната кујна. Во случај на поголема косина на парцелата каде што е сместена куќата, подрумот можел да биде од трите страни вкопан во земја и само предната страна да не è. Во некои простории издвоено се чувале и домашни птици. Во голем дел од тетовските куќи имало посебна просторија за произведување и чување на виното, оцетот и ракијата. На ѕидовите имало полици со шишиња, големи стаклени боци, дрвени буриња, каци и други предмети.

Бањата која во Тетово се нарекувала со турскиот назив *амамџик*, била дел од куќата и поретко како посебни простории.

*Клозетот,*нарекуван во Тетово како *ќенеф* во најголемиот број случаи бил надвор од куќата, на крајот од бавчата, изграден мошне примитивно од даски или плит, под кој имало јама, наречена *ѓериз.* Оддалечувањето на клозетот од куќата одговарало на тогашниот начин на живеење и ниво на хигиената, каде што потенцијалното жариште на заразите е поставени што е можно подалеку од куќата. Од друга страна, особено во ладните зимски денови, употребата на клозетот била мошне непријатна и опасна. Но со текот на времето, во новопроектираните куќи од триесеттите години на 20. век, клозетот се повеќе станувал дел од куќата. За малите деца се употребувале дрвени нокшири наречени *чукало* или *чукау.*

Пералната е просторија или простор каде се переле алиштата и др. Пералната може да биде во визбата, дел од ајатот или надвор од куќата покрај летната кујна или клозетот. Пералната е секогаш блиску до чешмата, браздата или бунарот. Пералната била поплочена и имала канал за одвод.

Шталата во тетовските куќи е ретко застапена и се наоѓала во визбата или во т.н. економски дел на дворот издвоен од куќата колку што е можно поодалечен.

Композиционото решение на основата на традиционалната куќа од 19. век во Тетово е симетријата, што значи дека централното јадро е чардакот, а од двете негови страни имало ист број, големина и форма на единиците[1458].

Катноста на куќите во Тетово има реширси ист редослед кај сите куќи, подрум, приземје, катови (најчесто до два ката), меѓукатот и највисоко е посебната просторија со видиковец, наречена *баба финга* или *баџа.*

Дворот во Тетово иако не бил составен дел од куќата, високо ограден и мошне користен преку денот како да претставувал заедничка целина со куќата, особено што ја зафаќал целата површина на приземјето и е природен продолжеток. Дворот лесно комуницира со ајатот а во неговиот состав често се наоѓаат разни придружни објекти што го прават незаобиколив

[1458] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 96.

дел од секојдневниот живот. Според Франц Дофлејн, начинот на уредувањето на дворовите во Тетово, бил делумно преземен од Турците: *Некои делови од дворот беа прекриени со лозници, леандри, лаворови дрвја, калинки растеа наоколу во саксии, исто така беа засадени дрвја за сенки и цвеќиња во леи. Среде дворот најчесто имаше фонтана која шумолеше; единствениот звук што навечер се влеваше во безбедната куќа*[1459].

Во Тетово се граделе и помошни објекти во дворовите кои служеле како ***летни кујни***. Ајатот, според потребите понекогаш служел како помошна просторија на кујната, особено кога во него бил вграден казан за загревање на вода, која е неопходна и во кујната, потоа подготвувањето на зимница и сл.

Појата, сидана или од дрво, служела за чување на дрва, казани, секира, и др. Малите појати уште имале назив *сушинка*[1460].

Според поставеноста, меѓусебната поврзаност, видовите и функцијата очигледна е сложената организација на кујнскиот простор во македонската куќа[1461].

Како што претходно нагласивме, тетовчаните од почетокот на 20 век започнале да градат куќи од тврда градба, односно од печени тули и метални греди. Материјалот претежно го набавувале од Солун. Архитектурата била со западно - европско влијание, во неокласичен стил. Меѓу првите такви куќи во градот биле, онаа на Алесандро Парлиќ и Петре Данчески.

Македонците во првите години од од 20. век и особено по Првата светска војна, значајно го менуваат традиционалниот начин на живеење во домовите. Имено, во периодот меѓу двете светски војни тие започнале да градат современи куќи, по европски терк, кои прилично се разликувале од традиционалната македонска архитектура во турскиот период.

4.4 ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ

Патишта. Тетово од секогаш било место преку кое се одвивал значаен сообраќај и тоа пред се патниот до Скопје на Исток и Гостивар на југ. Патот до Скопје одел преку Скопски Дервен и бил одреден според долината на Дервенска Река[1462]. Преку оваа сообраќајна врска Тетово се поврзувало со Вардарско – Моравската долина. Исто така, оваа делница била дел од патниот правец Цариград – Скадар, кој временски изнесувал 197 часа, а низ Македонија поминувал низ Крива Паланка, Куманово, Скопје и Тетово, а од таму преку Шар Планина во

[1459] Франц Дофлајн, Македонија, Македонска реч, Скопје, 2010, 202.
[1460] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 08. 2006.
[1461] Марула Николоска, Градските куќи . . . цит. дело, 87 – 88.
[1462] Јован Ф. Трифуноски, Скопски Дервен, анропогеографска испитивања, Населја и порекло становништва, САН, Одељење друштвених наука, Београд, 1952, 358 – 359.

Призрен и понатаму до Скадар[1463]. До крајот на 19. век, на овој патен правец, пред клисурата Калдрми Богаз, доаѓајќи од североисток, водел по повисоко земјиште почнувајќи од селото Ласкарце, па покрај Градиште, Рогле и Ново Село излегувал на дното на Дервенската река и наместо патот да оди низ Групчинската клисура на северозапад кон Тетово, продолжувал по долината до изворот на Дервенска Река, од каде што преку превојот Света (околу 900 м.) се спуштал, кај селото Милетино и понатаму се движел по подножјето на планината Сува Гора, во два правци кон Тетово и Гостивар[1464]. Ваквиот правец на овој пат се должела на безбедноста на патувањето при што се избегнувале тесните и несигурни клисурски делови. Кирацискиот и каравански начин, како единствен начин бил поволен за преминување на повисоки превои. Кај некои превои патот бил заштитен и со помали утврдувања, какви што биле оние кај с. Рогле и на планината Света[1465]. Патот од Призрен до Тетово, го користеле и оние кои понатаму се упатувале кон Кичево, Битола и Охрид[1466].

Кон крајот на 19. век, околу 1895 година, турските власти, поради посовремените потреби, низ Полог изградиле нов колски пат. Тој пат одел од Гостивар до Тетово и од таму низ групчинската клисура водел до Скопје и се приклучил кон стариот дервенски пат, кон Скопје[1467]. На истиот пат во 1907 година, била извршена реконструкција на стариот желински мост[1468].

Преку Гостивар, од страната на Охрид и Струга, водел еден крак на патот Виа Игнација и тоа една варијанта преку Дебар, Радика, Мавровско поле, Гостивар и Тетово до Скопје и втората варијанта преку Дебарца, Кичево Гостивар и Тетово до Скопје[1469]. Преку дебарската варијанта низ Тетово се одвивал и сообраќајот за албанските градови[1470]. Преку вториот крак од Гостивар и планината Буковик, Тетово се поврзувало со Кичево, Крушево и Битола[1471]. Комуникацијата од Тетово до градовите јужно од него, била добро одржувана и за време на Кралството Србија и за време на Царството Бугарија по пат на кулук[1472]. Овие патишта биле оспособени за нормален автомобилски сообраќај во тогашните услови[1473]. Нивното одржување

[1463] Крсте Битоски и др., Историја на железницата во Македонија, 1873 – 1973, ЖТП Скопје, НИП Нова Македонија, Скопје, 1973, 17.
[1464] Истото, 359.
[1465] Истото.
[1466] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986,379.
[1467] Крсте Битоски и др., Историја на железницата . . . цит. дело, 359; Васил Кънчов, Избрани произведения, том втори, София, 1970, 84.
[1468] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија, (1829 – 1909), книга 3, Студентски збор, Скопје, 1984, 283.
[1469] Двадесетпетогодишњица Јужне . . . 22; ДАРМ, Скопје, Ф. Филозофски факултет, Скопље . . . , цит. фонд, 136, 137.
[1470] Љубен Лапе, Македонија во XVIII, XIX и XX век, Култура, Скопје, 1992, 45 – 46.
[1471] Тодор Чепреганов, Лилјана Пановска, Велика Британија и Македонија, Македонија, ДАРМ, Скопје, 2006, 56.
[1472] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981, 118.
[1473] Истото, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914, ИНИ, Скопје, 1979, 363.

било во надлежност на Градежната секција на техничкото одделение на Долнополошката околија. Интересен куриозитет на оваа секција е тоа што во 1935 и 1936 година на патниот правец, Скопје – Тетово, Гостивар – Дебар, биле засадени 4000 садници на јаболкови дрвца и 2000 крушкови дрвцињa покрај самата траса[1474].

Покрај овие главни комуникации, постоеле и други кои го поврзувале Тетово со Призрен кој се споменува уште во античкиот период[1475], преку Шара, покрај преминот кај Вејце и Вешале од масивот Кобилица[1476]. Преку Тетово биле поврзани Скопје со Призрен како позначајни трговско - административни центри. Оваа патничка врска ги спојувала Јадранското море, преку Косово и Метохија со Вардарската долина, преку која се одело за Солун и понатаму до Цариград. Највисоката точка на овој пат се наоѓала на надморска височина од околу 2.000 м. во месноста *Кобилички прелаз* и бил најважниот од сите други премини на Шара. Јован Цвијиќ, кој таму поминал во првата деценија на 20. век, овој пат го опишува како *лош караванскu пат*[1477]. Освен во зима, патот бил доста жив и на него се среќавале мазги, натоварени со дрвена граѓа, волна, снопови со жито и др[1478].Тоа бил многу лош коњски пат, кој во триесеттите години на 20. век се претворал во прав колски пат, кој е изграден само неколку километри од Тетово[1479]. Колскиот пат до Качаник и Урошевац кој прво водел до селото Глобочица, бил згоден и за автомобилски сообраќај. Во 1941 година, изградба на колските патишта до Призрен и Урошевац, биле прекинати поради Втората светска војна[1480]. Од Опоље и областа Гора постоел караванскu пат преку превојот Кривошија, на кој се составувале патиштата од Дебар и Љума и оделе кон тетовската котлина[1481].

Релативно добар пат бил и правецот за Урошевац, преку Вратница, освен во зимските периоди.

Постоеле повеќе видови на внатрешни патишта[1482]:1) Патишта меѓу поедини населби населби и Тетово, како стопанско административен и културно просветен центар на оваа област; 2) патишта меѓу самите села; 3) патишта меѓу населбите и поедини стопански зони, како што се патиштата кои воделе до нивите, шумите, бачилата, водениците, валавиците, излетничките места или хидроцентралата до Тетово.

Првиот вид на патишта биле добри затоа што преку нив се доаѓа до градот и со автомобили. Такви се патиштата кои воделе од градот кон Гостивар и Качаник и поминува низ

[1474] Глас Полога, Тетово, бр. 157, 28. 03. 1936, 2.
[1475] Душан Кривокапић, Шар Планина, Туристичка Штампа, Београд, 1969, 199.
[1476] Во склопот на српската средновековна држава, разрушениот Лешок го губи значењето и како комуникациска точка. Така, сообраќајот, од некогашниот пат кој поминувал од средската област во Косово, преку Шар Планина и водел преку превојот Плоча до манастирот *Св. Атанасиј* во селото Лешок, наполно се префрлил на превојот под масивот Кобилица до тетовскиот манастир *Св. Богородица Хтетовска.* Ј. Цвијић, Основе за географију . . . цит. дело, 1076.
[1477] Цвијић Јован, *Тетовска котлина и суходолица*, Основе за географију и и геологију Македоније и Старе Србије, Српска Краљевска Академија, Београд, 1911, 1086.
[1478] Истото.
[1479] Бора Јосифовић, Преко Шарпланине гради се величенствени аутомобилски пут, Вардар, Скопље,), 3. 11. 1936, 2.
[1480] Petrović Rudolf, *Polog – antropogeogravski prikaz,*Zagreb, 1942, 57.
[1481] Истото.
[1482] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, Ф. бр. 323. Ракопис за Долни Полог, АК - 41, 136, 137, 138, 139, 140.

селата на самото поднежје на Шар Планина. Таков пат бил и оној кој го следел течението на реката Вардар од неговата десна страна, во подножјето на планината Жеден. Овој пат се приклучувал на главниот пат Скопје -Тетово, кај железничката станица во с. Сараќино, при влезот во преминот Калдрми богаз[1483].

Два пати неделно во пазарните денови четврток и сабота, Тетово станувал центар кон кој се упатуваат сите превозни средства од Полог. Со размената на стопанските добра се развил колскиот сообраќај и со магарија, особено меѓу котлинските и планинските места. Додека од брдските села на магарија и коњи се носеле дрва за огрев и преработка, во градот од рамничарските села се носело жито и пченка *кололибич*, без кола не можело да се замисли, исхраната на планинците.

Важни биле патеките меѓу селата и водениците, крај потоците и реките. *Водениците поточари* има речиси во секое село на сите потоци и рекички. Но водениците ги има и на реките Пена и Вардар. Една од главните карактеристики на сообраќајот на овој дел од Македонија во турскиот период е секако големата несигурност на патниците, за што властите превземале одредени мерки за одржување на патиштата и заштита на патниците во Тетовско[1484]. Секојдневното присуство на арамиските и качачките пљачкосувачки банди, кои не само што ги пљачкосувале патниците, трговците, разнесувачите на поштата, туку тие биле пропратени со насилства и убиства било карактеристика до крајот на османлиското владеење, особено во илинденскиот период[1485]. Се до педесеттите години на 20. век, патиштата кои од градот воделе до селата биле генерално мошне лоши, а при дождови и снегови, често непроодни[1486].

Градежното претпријатие *Љуботен* од Тетово во 1948 година го пробило првиот макадамски пат Тетово – Попова Шапка, со што до овој туристички центар за прв пат можело да се стигне со џипови, камиони и трактори, што овозможило поинтензивна изградба и развој на центарот[1487].

Железница. Планови за изградба на железничката пруга која би поминувала низ Тетово на правецот од Гостивар до Скопје. Во својот извештај за 1906 година, британскиот конзул од Скопје, Хатхот Смит, зборува за оправданоста за изградба на железничка пруга низ Полог[1488].

[1483] Истото.
[1484] Александар Стојановски, Дервенциството во Македонија, ИНИ, Скопје, 1974, 78, 164, 165, 167, 168, 171, 174, 175, 188, 211, 236, 275, 276, 281, 295.
[1485] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 - 1905, ДАРМ, Скопје, 2003, 85 - 95, 152 - 156; А. М. Селищев, Пологиегоболгарскоенаселение, Македонскинаученинститут, София, 1929, 19.
[1486] Драго Симовски . . . цит. извор, 12. 02. 2007.
[1487] Нова Македонија, Скопје, Градежното претпријатие Љуботен во Тетово го натфрли годишниот план за 1948 година со 82 од сто, бр. 1243, 1.
[1488] Виолета Герасимова, Полог и неговото поврзување со железница до првата светска војна, Бигорски научно-културни собири, IV Научен собир, Полог низ Вековите, Тетово, 1978, Скопје, 1980, 122.

При тоа се споменува изготвен проект и формирање на Компанија за изградба на железничка пруга од тесен колосек низ Полог во гореспоменатиот правец, дури истата да биде електрифицирана со што би требало да се градат хидроцентрали по речните текови во близината на железницата[1489]. Според дамнешните планови требало да продолжи до Драч во Албанија[1490], но до реализација на тоа никогаш не дошло.

Во 1908 година, Францускиот воен аташе во амбасадата во Цариград, ја известил својата влада за интересот на Исмаил паша, воен лиферант да добие концесија за изградба на електричен трамвај од Скопје до Тетово, со перспектива истиот да продолжи до Битола[1491]. Во истата година, Турската влада планирала да изгради голема железница од 250 км. која би поминувала и низ Тетово[1492]. Во април 1912 година во Османлискиот парламент била потпишана концесија за изградба на железничката пруга Скопје-Тетово-Гостивар, со понатамошно нејзино продолжување кон Дебар и јадранското приморје[1493]. Изградбата на железницата не започнала поради избивањето на Балканските војни, со што оваа иницијатива пропаднала. Во 1919 година, богаташот Ариф паша побарал концесија за изградба на клон на железничката пруга Солун – Скопје, на правецот Скопје – Тетово – Гостивар[1494]. Ваквата иницијатива ја поздравиле и македонските емигранти од северо-западниот дел од Македонија во Бугарија[1495].

За време на бугарската окупација на Македонија, за време на Првата светска војна, една од воено-стратешките и политички цели на Бугарија и Германија, била изградбата на теснолинејните железници во Македонија. Најзначајната од нив, секако била теснолинејката на правецот Скопје – Охрид. Неа ја граделе бугарската и германската армија. Секој македонски град и село биле должни да испраќаат секојдневно мноштво луѓе кои работеле ангарија. Пругата се градела покрај патот Скопје-Тетово, преку Скопски дервен. Кај селото Желино бил изграден железнички мост на реката Вардар, како и неколку помали на водотеците низ Полог. Изградбата на пругата дошла до с. Малкоец, меѓу Кичево и Охрид, каде што прекинала поради неповолната состојба на македонскиот фронт во 1918 год[1496]. Според британски извори должината на пругата Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Малкоец, изнесувала 73 милји[1497].

[1489] Истото.
[1490] А. М. Селищев, Полог . . . цит. дело, 24.
[1491] Виолета Герасимова, Полог и неговото . . . цит. дело,123.
[1492] Данчо Зографски, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986, 430 – 431.
[1493] Виолета Герасимова, Полог и неговото . . . цит. Дело, 125 – 127.
[1494] Истото.
[1495] Истото, 123 – 124.
[1496] Крсте Битоски и др., Историја на железницата . . . цит. дело, 141.
[1497] Тодор Чепреганов, Лилјана Пановска, Велика Британија . . . цит. дело, 63.

Во 1919 година во Тетово била изградена ложилница за локомотивите[1498]. Дефинитивната изградба на теснолинејката Скопје – Охрид била завршена во 1922 година[1499].

Веќе во триесеттите години на 20. век во Тетово и целиот регион се покренала иницијатива за изградба на железница со широк, нормален колосек[1500]. Најголемите поборници за оваа иницијатива биле тетовските стопанственици и занаетчии, како и печалбарите[1501]. Во 1935 година започнале подготовките за изградба на железница со широк колосек, која Тетово на таков начин би го поврзала со Скопје и Гостивар[1502]. Оваа почетна иницијатива, се до крајот на четириесеттите години не била реализирана.

По поделбата на Македонија во Втората светска војна на два дела, под италијанска и бугарска окупација, се поделила, меѓу другото и железницата, така што, линијата Скопје - Тетово била поделена од 01. 06. 1941 г. Од Скопје до Сараќино била под контрола на Бугарските железници, а од Сараќино до Тетово под италијанска управа, односно под управа на командантурата на италијанската дивизија *Фиренце*. Оваа делница всушност била претворена т.н. влечен реон без станица во Сараќино до железничката станица Бадовина со седиште во Тетово[1503].

Првиот петгодишен план 1947 – 1952 година го опфатил и градењето на железничката линија Скопје – Тетово – Гостивар[1504]. Должината на оваа пруга изнесувала 62 км. Градењето започнало на 01. 09. 1948 година. Мора да се истакне дека железницата се градела во крајно неповолна политичко-економска ситуација. Целата железница изградена е речиси рачно, дури и доаѓањето до делницата се одвивало со пешачење[1505]. Целокупната линија Скопје – Гостивар, свечено е пуштена во употреба на 25. 05. 1952 год[1506]. Изградбата на оваа железничка линија дала мошне силен импулс во развојот на стопанството на Тетово и целиот регион. Изградбата на железницата се одвивала речиси паралелно со изградбата на двата индустриски гиганти, Волнарскиот комбинат *Тодор Циповски Мерџан*, односно текстилната фабрика *Тетекс*, како и изградбата на Хемиско метарлушкиот комбинат *Југохром*. Без услугите на железницата овие големи индустриски капацитети во тој период не би можеле да функционираат. Превозот на патници и стоки од другите тетовски производствени капацитети, во најголемиот свој дел се

[1498] Истото, 168.
[1499] Истото, 170.
[1500] Глас Полога, Тетово, бр. 105, Полог тражи нормални колосек железнице, 30. 03. 1935, 3.
[1501] Бора Јосифовиќ, Потребно је изградити нормалну пругу Скопље – Тетово – Гостивар – Охрид, Глас Југа, Скопље, 01. 12. 1940, 4.
[1502] Б.Ј. Отпочели су радови на изградњи пруге нормалног колосека Скопље – Тетово – Гостивар, Вардар, Скопље, 24. 07. 2007, 2. Глас Полога, Тетово, 29. 06. 1935, 3.
[1503] Тодор Чепреганов, Лилјана Пановска, Велика Британија . . . цит. дело, 231.
[1504] Истото, 423 – 426.
[1505] Т. Петроски, Работата на пругата Скопје – Тетово – Гостивар през 1948 и работите кои отпочнаја во 1949 година, Шар, Тетово, бр. 29, 17. О2. 1949, 1.
[1506] Истото, 426.

одвивал токму преку оваа железница. Според тоа, новата железница за Тетово има огромно значње за целокупниот развој на овој град и регион.

Аеродроми. Тетово имало еден школски аеродром кој бил изграден уште во дваесетите годинии на 20. век во атарот на с. Жеровјане. Овој аеродром служел, пред се за воени потреби а него го користел и тетовскиот аеро клуб *Наша Крила*. Во февруари 1941 година, на аеродромот имало 9 авиони со една воена единица. Тоа траело се до нападот врз Кралството Југославија кога истиот аеродром бил бомбардиран[1507].

За време на Втората светска војна, италијанските власти, најпрвин организирале големи работни зафати со малдината од тетовскиот крај за проширување на истиот аеродром[1508] а во 1943 година започнале изградба на нов воен аеродром во атарот на с. Д. Палчиште[1509].

По Втората светска војна, кон крајот на 40 години повторно бил обновен аеродромот во близина на с. Жеровјане. Аеродромот го управувале членовите на тетовскиот аеро-клуб, кој како таков работел се до 1953 година

Улиците во Тетово, се разликувале по тоа во кој период се градени. Оние кои постоеле во 19. век, а ги имало и во првата половина на 20. век, се такви што се создавале стихијно во правец на излезите на градовите каде што се ширел и градот. Новоизградените објекти ги создавале контурите на кривите, нерамни улици со камена калдрма, ненумерирани без тротари или било какви други обележја. Улиците немале имиња туку тие биле делови на маалата, така што на странецот би му било вистинска потешкотија да се снајде, Но тука се тетовчаните, кои непогрешливо ги лоцирале објектите доколку им се каже маалото или топонимот кој бил дел од маалото или ако им се спомене некоја куќа на некое семејство до која се наоѓа бараниот објект или семејство.

Градот бил исполнет со густа мрежа на кривулести улици и сокачиња беез свои имиња. Само поголемите од нив биле калдрмисани. Немале ознаки за имиња, а народот им давал свои имиња и тоа не на сите на пр: Гостиарски пут, Скопски пут. Требошки пут, Вратнички пут, Селечки пут за улиците кои излегувале од градот и продолжувале кон истоимените градови и села, и имиња на сокаци кои најчесто добивале имиња по познати личности кои живееле во нив: Пашапетрино сокаче, Дајљов сокак, Попсимино сокаче и т.н.

Првото нумерирање на куќите и другите објекти, како и именувањена улици во Тетово се спровело за време на владеењето на Кралството Србија, а првите посериозни зафати за

[1507] Живко Стефановски, Миле Арсениевски, Од револуционерното минато на Тетово, Работнички универзитет Тетово, Тетово, 1970, 64 – 65.
[1508] Истото.
[1509] Боро Митровски, воспоставувањето на италијанската . . . цит. Дело., 251.

регулација на тетовските улици е направена во 1932 година, кога градските власти срушиле повеќе стари објекти, ѕидови, огради за да се изгради една од главните улици на градот[1510]. Регулацијата на главните улици во градот се одвивала и во 1934 – 1935 година[1511], и продолжил во следните години[1512].. Ова се совпаѓа со катастарскиот премер во 1937 година, кој бил државен проект во тетовската општина[1513]. Според Глас Пологa, Тетово било на второ место во Вардарската бановина по Скопје по интензитетот на градежните дејности во инфраструктурата. Освен заложбата на градските власти и претседателите на општината[1514] свој придонес за обезбедување на средства од државата има и народниот пратеник Стојадин Димитријевиќ[1515].

Реката Пена која поминувала низ градот била премостена со 4 убави камени мостови: во *Горна Чаршија*, *Казази мост*, *Пашин мост* и *Ќупрули мост* два дрвени: Џамбазов мост и мостот кај карпата *Десетница,* наречен уште како *селски мост.* Во 1934 година, би срушен Пашиниот мост, кај Шарената џамија и е изграден модерен армиран бетонски мост за автомобилски сообраќај, покрај тетовскиот амам, со површина од 153 м. кв.. За таа намена, поместено е и коритото на реката Пена од неколку десетици метри и е извршена првата регулација на коритото на реката[1516], како и нејзино чистење и проширување[1517].

Улиците и мостовите во османлискиот период се одржувале со средства од општината и помошта на некоивидни личности од градот и од државата. Градското поглаварство првото разгледување за изработка на регулационен план го извршило во 1922 година [1518] . Најинтензивното регулирање на улиците со изготвен градежен план, во кој биле предвидени улици кои ќе бидат изградени со камени коцки, банкини и тротоари, било во 1935 година. Тие улици биле, Караѓорѓева (Илинденска) и ул. Ослобоѓење (М. Тито). Овие улици се градени со средства од Градското поглаварство и државата.

По втората светска војна улиците во Тетово биле во тешка состојба. Немајќи финансиски средства, општината организирала преку масовите организации, големи работни акции за реконструкција на улиците. Но сепак, со тоа проблемот не бил решен, бидејќи одржувањето на улиците барале континуирано следење и имало потреба од посебна служба, која до 1950 година ја немало.

[1510] Бора Јосифовиќ, Регулација Тетова, Вардар, бр. 8, 19. 06. 1932, 10.
[1511] Глас Пологa, Тетово, бр. 86, 17. 11. 1934, 3.
[1512] Истото, бр. 289, 08. 10. 1938, 2; Истото, Промене Тетова од ослобоѓења до данас,
[1513] Истото, 24. 04. 1937, 4; Истото, бр. 216, 15. 05. 1937, 3.
[1514] Истото, бр. 325, 17. 06. 1939, 1 – 2.
[1515] Истото, бр. 289, Калдрмисање Тетова, 08. 10. 1938, 2.
[1516] Истото, 16. 10. 1935, 4; Истото, Мост на Пени, 87, 3.
[1517] Истото, бр. 216, 15. 05. 1937, 3.
[1518] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 2, Градско поглаварство Тетово, 51/ 101 – 103.

Парковите во Тетово, никогаш немале свој достоен простор и значење. Првите паркови во Тетово се појавуваат во триесеттите години од 20. век. Тие по површина биле мали. Едниот од нив се наоѓал во маалото *Поток* под градските православни гробишта а другиот бил направен како прдружна содржина на градската железничка станица во денешната месна заедница *Мала станица (Ајдучко маало)*. Покрај овие мали паркови имало и уште три зелени површини како скверови: покрај раденичкото училиште, во Саат Маало и крај некогашната Стара Библиотека (тогаш, приватана куќа во сопственост на трговецот Мато Ченка). Реакциите на новите паркчиња во градот биле различни. Најголемиот дел од граѓаните со задоволство ги прифатиле овие естетски промени на градот, додека онекои гледале на нив со потсмев[1519]. *Со настапувањето на пролетта градската општина пристапи кон уредувањето на парковите. Прекопан е паркот на ул Принц Ѓорѓе, кој беше сосема запуштен, засадена е трева и цвеќе.* Во 1939 година плански подигнат е паркот покрај тутунската станица[1520]. Со започнувањето на војната овие зелени површини се запоставиле, а по ослободувањето повторно се уредувале, со што ниту една од зелените површини не добила третман на градски парк дури до 1949 година, кога бил обновен паркот во маалото Поток и изградено е ново паркче во центарот на градот со вкупна површина од 11.966 м$^{2)}$[1521].

*Водоснабдителни системи.*Градот Тетово бил мошне богат со изворска и проточна вода. Тоа го потврдува Јован Цвијиќ[1522], кој Тетово го става во редот на најбогатите градови со вода, заедно со градовите Воден, Бер и Негуш во егејскиот дел на Македонија. Според истиот автор, во градот има многу чешми и мошне силни јазови кои се разведени од реката Пена и кои поминуваат низ многубројни дворови, особено во христијанските и во кои се слуша силното жуборење на водата.

Речиси во сите тетовски маала имало по една или повеќе чешми. Според едни податоци од крајот на 19. век имало меѓу 25 и 30 јавни чешми[1523]. Градските чешми биле во финкција до педесеттите години на 20. век, кога полека се разрушувале. Најчесто тие биле изградени од блокови на делкан бигор, мермер или камен. Според Андреа Стојанов, водата била од различен квалитет а најквалитетна вода имало од чешмата во Саат Маало[1524]. Меѓу нив имало мошне убави чешми со изработени декорации. Чешми имало на Два Бреста, Поток, Туљоа чешма на Певчина, Стаматоа Чешма во Јајчароо маало. Сите чешми биле изѕидани во делкан бигор. Нив ги граделе богати и угледни граѓани и по нив ги добивале имињата: Туљо ја изградил чешмата

[1519] Н. Г. Мартиновиќ, Општински паркови и њихов значај, Глас Полога, Тетово, бр. 103, 16. 03. 1935, 3.
[1520] Глас Полога, Тетово, бр. 309, 25. 02. 1939, 2.
[1521] Истото, 71, 114.
[1522] Цвијиќ Јован, Тетовска котлина . . . цит дело, 1069.
[1523] Марула Николоска, Градските куќи од 19. Век, во Македонија, Републички завод за заштита на спомениците – Скопје, 2003, 30.
[1524] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.

на Певчина – *биузенѓин*, а *Стаматоа чешма* ја изградил чевларот Диме Стаматов[1525]. Бошкоа чешма се наоѓала на Поток, пред куќата на Бошковци[1526]. Но чешми градела и општината. Овие чешми добиваа вода од калето преку глинени *ќунци*. Општината редовно ги чистела од тревите кои растеле во овие глинени цефки со *тељои*[1527]. На улицата Краља Петра (подоцна И.Л. Рибар) имало чешма наречена *Ќатип*, односно *писмена чешма* кај *Црвенкота*. Така е наречена затоа што уште во турскиот период е направена со план, а нејзиниот извор бил некаде на тетовското кале. Оваа чешма имала најладна вода во градот. На истата улица на аголот со *Пашапетрино сокаче* до куќата на попот Мисо имало уште една чешма изработена од делкан бигор. На денешната улица *Мирче Ацев* имало чешма, наречена *Три дуљца*. Чешмата во *Муаремче маало*, била изградена од бел мермер се викала *Балезоа Чешма*. *Доуна чешма* била во *Серикупус маало*. Потоа имало чешми спроти денешниот Дом на АРМ, кај Гам – Гам џамијта, кај Шарена џамија и др. Сите дотогашни чешми имале свој натпис. Најпозната чешма била онаа во центарот на местото викано *Бунар*. Според некои сеќавања во центарот на градот имало шадрван со неколку чешми во 19 век[1528]. На местото на старата турска чешма била подигната нова бетонска, во дваесеттите години на 20. век од градските власти, а водата излегува низ устите на 4 изработени од камен, лавовски глави. Над чешмата се извишувала канделабра со четири светилки.

Една од најпознатите инфраструктурни карактеристики на Тетово се неговите прочуени *јазови*. За првпат во документите, тетовските јазови се споменуваат во еден документ од 1463 година. Уште во тоа време на нив биле изградени поголем број на воденици, валавици и табакани. Така на еден од јазовите во тоа време Мехмед бег имал три големи воденици, со по шест воденички камења, валавици и табачки долапи под чие име истите се среќаваат во изворите, а во имотот на овој моќен бег се среќаваат вкупно 25 табачки одаи. Сето ова зборува дека, јазовите во Тетово биле негова карактеристика уште во XV век.

Според Ѓорче Петров, од Тетовската река е земена вода која протекува низ градот преку бразди низ повеќе улици и низ дворовите и градините во секоја куќа. Чистата и прекрасна природа кај тетовчаните потикнала љубов и вкус кон чистотата и разубавувањето. Освен јазовите и браздите, Тетово имало 25 - 30 чешми а некои од нив имале планинаска вода. Климата во Тетово била здрава, планинска. Ветрот кој дувал навечер и наутро, во летните денови му носел свежина и констатира дека нема да претера ако каже дека Тетово има најдобра клима во Европска Турција[1529].

[1525] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 08. 2006.
[1526] Војо Бошкоски (1929 – 2010), пензионер од Тетово, изјава 25. 07. 2007, лична архива Б.С.
[1527] Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово, изјава од 08.12. 2005.
[1528] Глас Полога, Тетово, 13. 07. 1935, 2.
[1529] Г. Петровь,Материали по . . . цит. дело, 420.

Тетовските јазови имале строго регулирана намена, како технолошка вода за чистење, наводнување, не смеело да се загадува, затоа што водата по браздите одела низ секоја куќа. Општината се грижела за нивното одржување преку посебно ангажирани луѓе за тоа, а за одржувањето на системот се плажало *чешма паре*, со кои се плажало и за браздите и за градските чешми. Доколку некој правел куќа, тој се надоврзувал не редицата други куќи низ кои поминува бразда. По спроведувањето на водоводот од 1928 година, започнало постепеното запоставување на браздите[1530].

Но Тетовските бразди имале и уште една мошне важна заштитничка улога од поплави. Имено, градот под Шар Планина често пати бил изложен на обилни врнежи кои предизвикувале големи поплави при што од Балтепе се слевале низ лозјарските патчиња големи наноси на кал, кои правеле големи штети на домовите во горниот дел на градот, каде што живееле Македонците. Во првите години од 20. век, се случувале низа поплави во овој дел на градот со големи наноси на песок и камења, но тогашниот претседател на општината Руфат ага (1900 – 1904) превзел мошне значајни мерки за заштита од поплавите[1531]. Иако без посебна опрема и без стручни проекти, успеал да го осигура градот од поплавите на тој начин што изградил еден голем одводен канал на Балтепе, кој водел на едната страна кон реката Пена и кон потокот, кој поминувал покрај денешните православни гробишта, на другата страна. Додека се одржувал овој канал, градот бил заштитен од поплави, но со доаѓањето на следниот претседател Адем ага Треси (1904 – 1908), каналот бил запоставен и само после три години во 1907 година се случила нова катастрофа, кога покрај големите штети, била затрупана во песок и една мајка со своето дете[1532]. Последниот претседател во времето на Османлиското владеење, Али Рауф (1908 – 1912), повторно го исчистил каналот ја обновил преградата и и направил нови бразди меѓу лозјата, со што го зголемил заштитниот ефект. По доаѓањето на српската, а потоа и бугарската власт, повторно овој систем е запоставен и повторно се појавиле поплавите[1533].

Тетово е меѓу првите градови во Македонија, кој спроведува современ водовод до домовите на граѓаните. Водоводот се градел од 1927 година до 1931 година кога и свечено е ставен во употреба. Проектот го изработил рускиот инжинер Растиславов[1534]. За снабдувањето на градот со вода земени се предвид неколку извори на вода и тоа изворите *Карпа* на Попова Шапка, *Драга Вода* на кај с. Шипковица на Шар Планина, од изворите во с. Гајре на Шар Планина и *Студена вода* во Тетовското поле, во близина на селата Требош и Сараќино. Од нив

[1530] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 12. 2006.
[1531] Глас Полога, Тетово, бр. 272, Страховита провала облака над Тетовом, 11. 07. 1938, 1 – 2.
[1532] Истото.
[1533] Истото.
[1534] ДАРМ, Скопје, Министерство за земјоделие и вода на Кралството СХС, Белград, Ф. Бр. 1036, АК. 1. 17/ 78 – 80; 24/116-118; 25/119-135; 51/295-302; 52/303-304; 53/305-380; 54/381-388.

како најисплатлив бил *Драга Вода* а мерењата на издашноста на изворот била од 24 до 30 литри во секунда[1535]. Овој водовод, во 1948 година, за кој се вели дека имал капацитет од 25,7 литри во секунда, веќе не ги задоволувал потребите на градот и била превземена иницијатива за реконструкција и проширување[1536]. Во 1950 година, Тетово располагало со 80 градски (улични) чешми и 1057 приватни чешми во домови. Во почетокот на педесетите години, дошло до голем наедостиг на водоводна мрежа во градот, па новиот проширен водовод започнал да се гради дури во 1955 година со каптирање на нов извор на Шар Планина со 37 литри вода во секунда.[1537].

Пазари. Уште најраните сочувани документи за Тетово во средниот век зборуваат за населба во која се одржувал панаѓур и благодарејќи на таа дејност започнал нејзиниот развој. Во 1463 година во вакуфнамето на Мехмед бег[1538] се споменува Долна Чаршија и Емиш Пазар, што со право индицира на постоење и на други чаршии.

Пазарите во Тетово, иако имале свои места во градот, на пазарниот ден тие толку се распрскувале што не се знаело каде почнува едниот и завршува другиот[1539].

Во турскиот период, во средината на источната половина на Тетово, се наоѓала оваа чаршија, која е нарекувана како *Долна Чаршија, Житен пазар*, но најпознат назив за ова место било *На Бунар.* Таа истовремено претставувала центар на општествениот живот на градот. Нејзиниот изглед бил типично ориентален, карактеристичен за градовите во Османлиската империја[1540]. Улиците кои допирале до неа, донекаде биле регулирани и послани со калдрма. Низ нејзиниот центар поминувал јаз. Повеќето од дуќаните биле ниски но во последните години од османлиското владеење започнале да се градат поубави, двоспратни дуќани од поцврста градба. По чаршијата имало чешми, а најубавото и најшироко место имало шадрван. Пред шадрванот била најубавата џамија во градот, која Македонците ја нарекувале *Тупан Џамија.* Од тука по ред се наоѓале *митницата, беледието, житарските дуќани,(стражницата) затворот и патот за Скопје*[1541].

Во центарот на некогашната западна половина на градот, во близина на реката Пена, се наоѓа *Горна Чаршија.* Таму, всушност се наоѓа најстариот тетовски пазар. Во почетокот на XX век, оваачаршија била центар на железарскиот и пушкарскиот занает. Околу железарскиот дел

[1535] Истото, 53/ 342-346.
[1536] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово, . . . цит. фонд, 20/66 – 72.
[1537] Боро Јосифовски, Тетово је обезбедило средства за граѓење новог водовода, Политика, Београд, 25. 02. 1955, 8.
[1538] Александар Стојановски, Македонија во турското . . . цит. дело, 199.
[1539] Ив. Серафимов, (Описание на Тетово), од 05. 08. 1907 г., Етнография на Македония, извори и материали в два тома, том 2, БАН, София,1992, 60.
[1540] Истото.
[1541] Драго Симовски . . . цит. извор, 20. 03. 2006.

се наоѓале неколку занаетчиски со разни стоки. Приматот на оваа чаршија, го зела Долна чаршија, која се равивала со ширењето на муслиманскиот дел на градот.

Според некои сеќавања во 19. век, во христијанскиот дел на градот имало посебни места за пазари[1542]. Другите пзари се викале: *Ајван - Гоетски пазар* за крупна и ситна стока на периферијата од градот кон селото Мала Речица, *Дрварски пазар* за дрва и јагленна периферијата на градот кај месноста Дреноец, *Јемиш пазар*за зеленчук и овошјена широчината пред денешното Музичко училиште и по улицата *Страшо Пиџур,Масларски пазар* за производи од млеко во близина на тетовскиот плоштад.

4.5 ПРЕДМЕТИ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

*Предмети за осветлување и греење на просториите.*Тетовчаните, до поајавата на електричната струја, своите простории за живеење и работа ги осветлувале со газиени ламби, фенери, свеќи, кандило или само од оганот во мангалот или печката. Енергетски извори за греење и осветлување биле дрвата, јагленот, петролот, восочни свеќи. *Ноќум смо ишле со фењери, а низ дома со гасничиња*[1543].

Огништето секогаш се поврзувало со поимот куќа. Огништето долги векови претставувало центар на куќата. Огништето од отворен тип речиси го нем во градот при крајот на 19 век, тоа било од затворен тип, вградено во ѕидот, а чадот поминувал низ оџак.

Ќумбињата биле високи во кружна форма, изработени од тенок лим, кој се ужарувал по неколкучасовна употреба. На горниот дел имало вдлабнатина во која имало камења, кои откако ќе се загреат и по гаснењето на оганот во ќумбето, тие зрачеле топлина. Над нив со ланци виселе ѓугуми во кои непрекидно се топлела вода и кои ја играле улогата на денешните бојлери. Ваквите ќумбиња ги имало во огништата или кујничињата, а подоцна и во другите соби, но со изменет изглед и подобро стилизирани.

Мангалот како грејно тело било често присутно во тетовските куќи. Мангаллите во куќите имале полуксузен изглед за разлика од оние кои ги употребувале по дуќаните.

Околу 1928 година се појавиле *шпоретите* на дрва. Како преодна фаза меѓу обичното ќумбе и шпоретот, во некои куќи постоеле ќумбиња, со посебни отвори во горниот дел во кој

[1542] Владо Серафимовски (1930 -), пензионер од Тетово, изјава 16. 11. 2006, лична архива на авторот. Според Владо Србиновски, кој службено вршел анкетирања на стари тетовчани, во педесеттите години од 20. век, според искажувањата на дедото на Санко Пуљпуљ, кројач од Тетово, пазарите биле во христијанските делови на градот, и тоа: *Житниот пазар* се наоѓал на Певчина, а *Масларски пазар* имало на широчинката во близина на Певчина, позади куќата на семејството Апостоловски – Ганда, *Дрварскиот пазар*, се наоѓал на Два Бреста, а *Емиш пазарот* бил на потегот од црквата Св. Никола до Два Бреста. Ако се оди по оваа аналогија, овие пазари или се преселиле во долниот дел на градот, како што истиот го наслеувале христијаните, или постоеле паралелно со другите во муслиманскиот дел на градот.

[1543] Драго Симовски, цит. извор, 01.06.2006.

се ставале специјални садови за вода и со нивниот долен дел била директно во допир со жарот[1544].

Едно истражување дава податоци за првиот тетовчанец кој купил газиена ламба во Тетово. Тоа бил трговецот Хаџи Серафиљ, кој донел таква ламба од Бурса во 1845 година[1545]. Фенерот бил редовен придружник на граѓаните и за движење по тесните тетовски улици и сокаци во ноќниот период. *Когај бев дете у ноќ когај смо ишле на славе, татко ми напред ќе го носи фењерот и ќе газимо по калој*[1546]. Електричната струја во домовите во Тетово дошла околу 1926 година, но таа во почетокот служела само за осветлување, но не и за загревање на домовите[1547]. Казаните за печење ракија во тетовските куќи ги имало мошне често со оглед на тоа што голем број на семејства во градот посетувале свои лозја. Казаните биле подвижни или засидани. Сите се грееле на дрва.

*Садови во кујната.*Во кујната можело да има *мусандра* – витрина во ѕид, затворена со дрвени вратничиња и во неа се чувале чанаци (глинени), лјце (дрвениод зеленика – шимшир) и стомничиња за вода[1548].До дваесеттите години, приборот за јадење се состоел од домашни производи од дрво, кои се произведувале во Горно Седларце и тоа *лажици, вилушки, варјачи, кутлачи, чанаци, оклагии, аван со тл'чник* и сл[1549]. Од грнчарските садови произведени во тетовското село Блаце[1550], кои ги употребувале во тетовските домаќинства ги издвојуваме: *парамак* – сад со две рачки, затоа што чинел една пара, *подвењак* на глеѓосан грнец со една рачка за млеко и така се нарекува бидејќи чинел две пари. *Аспара* е сад кој некогаш во турското време чинел една Аспра. *Полче – грне*, кое чинело половина пара. Садовите се мачкале со смола додека садот бил уште жежок. Така се добивале глазирани садови, посебно *ќуповите за туршија и мармалад.* Големиот ќуп се нарекувал *врчва*, а шарата која се правела

[1544] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 06. 2006.
[1545] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/491. О Тетову и тетовцима.
[1546] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 06. 2006.
[1547] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата 75 години развој, Тетово, 2002, 13.
[1548] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 06. 2006.
[1549] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.
[1550] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље, Ф. бр. 323. Ракопис за Долни Полог, АК - 41. 130 - 134. Само селото Блаце во Тетовско и Полог се занимвало со грнчарство и од него се снабдувал цеиот Долни Полог. Во близината на ова село се наоѓаат слоеви на земја *црвеника* која била погодна за изработка на грнчарски производи. Првите доселеници од селото биле од Поречието и Прилепско. Први кои започнале да се занимаваат со грнчарство било семејството Грнчаровци, кои во селото се доселиле од некогашното напуштено село Трница, кое се наоѓало во близина на селото Милетино, до реката Вардар. Потоа и другите доселеници започнале да се занимаваат со истиот занает за да во триесеттите години сите семејства од ова село се занимавале со оваа дејност. Направата на која ги изработувале своите производи била наречена *тезга.* Освен грнчаријата од ова село тетовчани купувале и кичевска грнчарија. Откако садовите ќе се исушеле, се ставале во *фурна* да се печат. Термини: *тезга, блато, табанџа, вретенце, долно колце, бачило, бијака, парањак, подвењак, аспара, полче-грне, ќуп, џреп, обрч, џрепње, тестија, шокла, стомна, крчак, фурна, ќемер, ќерамида.*

се нарекувала *обрч*, која потсетувала на некогашниот стар сад направен од прутје и облепен со кал. *Црепње* биле црепчиња за печење на леб и *тестиите* биле неглетосани садови. Тестијата со широко грло се викала *шокла*, а со тесно грло *стомна.* Тестијата со сосема тесно грло се нарекувала *крчак.* Метални предмети во кујната биле: *Окајнца*, метален сад со две рачки и два дуљци од двете страни, кој собирал една ока, па кога се пиело од него се подавал на софрата од еден на друг без да се врти поради двата отвора; *тенџерија, котлиња, ѓугум,* произведени од тетовските тенечеѓии, па калајсани кај тетовските Роми, потоа сацаеци.

Тетовскиот грав се спремал во грнчарска тава од Блаце и дрвени лажици, специјално само за подготвување на гравот[1551].

Дури, во почетокот на дваесеттите години во тетовските семејства започнал употребата на сервиси за ручување.

*Предмети во дневната соба.*Вратите во куќите се отворале и затворале со *резе*, кога се појавиле кваките во Тетово се наречени френгои[1552].Во дневната соба имало за греење *мангал*, метален предмет кој се ставал во центарот на собата и во него имало жарчиња. Околу мангалот се собирале домашните и се грееле. Во побогатите куќи, многу поретко имало камини. Оџакот или огништето се наерувале и *куќа*. Во дваесеттите години се појавуваат *ќумбиња* на дрва или јаглен, а чадот излегувал низ бориите. Чешми во собите немало и се вградувал во собата еден вид на мијалник, кој го нарекувале *мусандра*[1553]. Се ручувало најчесто на софра, која после оброкот се дигала од средината на собата. Пред да се постави софрата се постелувало на подот еден чаршав кој го нарекувале *софрафес*[1554]. Околу софрата се поставувале ниски *троножци*, некаде јастучиња или воопшто не се ставале а луѓето седнувале на колена или со вкрстени нозе. Околу софрата, можело да се поставуваат и дрвени клупи, а кога доаѓале гости, клупите се покривале со ткаени черги. Во триесеттите години на 20. век, софрата е заменета со *астал* и *сандалие* (столици). Покрај ѕидовите имало миндери со миндерлаци. На подовите имало и черги кои се ткаеле од стари партали, но кога се чекале гости, особено за слави, свадби и сл., се ставале нови черги. Во ѕидовите покрај вградените *долапи* имало и *долапчиња – наткасни*[1555]. Делот од долапот каде што се чувала постелината се нарекувал *душеклок.* Имало и долапи со стаклени вратничиња и тие имале посебно име *џамлок.* Во џамлокот се чувале стаклените предмети *срчете*[1556]. Стаклените чашки за ракија се нарекувале *биљурчиња*[1557].

[1551] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.
[1552] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 07. 2006.
[1553] Савица Давидоска (1926 - 2010), пензионерка од Тетово, изјава 13. 06. 2006, лична архива, Б.С.
[1554] Истото.
[1555] Драго Симовски . . . цит.извор, 18. 12. 2006.
[1556] Истото, 14. 05. 2007.
[1557] Истото, 15. 05. 2007.

Предмети за украсување (пред се, во гостинската соба). Гостинската соба како најрепрезентативен дел и во неа домаќините ги ставале најубавите предмети што ги имале.

Петар Ритих во 1901 година ја опишува куќата на своите домаќини во Тетово, семејството Богојевиќ: *Ние влеговме низ портата и се најдовме во градина, зад чии дебели дрва се гледаше спахиската куќа со голема веранда. Не замолија да се искачивме горе и не одведоа во собата каде што се чекаат гости. Просторијата се покажа доволно просторна, сета послана со нескапи килими од домашна изработка. По должината на ѕидовите се протегаа долги, ниски дивани - столови и клупи, послани со килими и приспособени за лежење. На ѕидовите, обоени со евтини тапети, немаше слободно место што не бибило зафатено со портрети и фотографии. Нашето национално самољубие беше пријатно поласкано: најмногу од сè имаше портрети на руски цареви и царици, а исто така олеогравски слики од важните моменти на животот на рускиот Господар. Откако ја погледавме внимателно опстановката и ја пофаливме, ние со задоволство седнавме на ниските турски дивани, мошне пријатни по долгото патување*[1558].

Франц Дофлајн во 1917 година го опишува неговото гостување и изгледот на една македонска куќа во Тетово: *На сите страни имаше дивани; тие беа покриени со рачно изработени тантели и плетива, потплетени со црвен плат. На едната страна имаше скрин, а на другата имаше шкафче со стаклена витрина. Таму беа поставени скапоценостите на семејството. Стоечкиот часовник над скрината не работеше. До него стоеа садови од стакло и мед, поретко емајлирани кутифчиња и други предмети. Покрај тоа - уште примитивни фотографии, тука и таму по некоја гравура со спомени од војната* (Првата светска војна - Б.С.), *историски сцени, пејсажи или матно огледало. Сето малку испрашено и запоставено. Клучалките на вратите не се заклучуваа, не повеќе и прозорците со стари стакла. Но целата соба се одржуваше многу чиста. Леглото, наместено за мене во еден агол, беше средено по средноевропски со бело, блескаво од чистота на чаршафот и топол јорган. Јастуците со убаво извезени каплами беа очигледно најубавата постелина на семејството*[1559].

*Спална соба.*Поради многубројноста на семејствата, освен кај побогатите семејства, се спиело речиси во сите соби, така што, речиси да не постоело соба исклучиво за таа намена. Во приземните простории за дневен престој или каде што се спиело, често немало дрвен под – *душеме.* Во такви случаи на земјата се ставало *мутави*, над мутавите - *рогожа*, па над рогожата *душеклоци* (постелина) на кои се спиело. Луѓето правеле лежалки од папрат, покриен со чаршав[1560]. Во дневната и гостинската соба имало миндери со миндерлоци и перници полни со слама, прекриено бело платно со чипки. Во побогатите семејства, каде што имало такви

[1558] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, македонска книга, Скопје, 1978, 94.
[1559] Франц Дофлајн, Македонија, Македонска реч, Скопје, 2010, 202.
[1560] Драго Симовски . . . цит. извор, 12. 07. 2006.

соби, кон крајот на 19. и почетокот на 20. век се купувале кревети. Првиот модерен кревет во Тетово се појавил во 1895 година, кој од Солун го донел хаџи Серафим Миљевиќ[1561]. Со изградбата на новите типови куќи во дваесеттите и триесеттите години на 20. век, спалната соба станала редовна содржина, која се користела исклучиво за таа намена. Прилагодувајќи се на новите потреби, дел од тетовските столари започнале со изработка на мебел, меѓу другото и на предмети во спалната соба: *брачен кревет*, *шифуњер* и *тоалет*, односно огледало со наткасна за чување на личните предмети (козметика, накит и др.) на жените. Еден од првите столари кои започнале да изработуваат наменски мебел бил Јоше Лепур, кој за време на Првата светска војна, на островот Крв, во составот на српската војска, научил од Французите да изработува таков мебел[1562]. До 1930 – тите, мебелот во Тетово се изработувал исклучиво од костеново дрво, а потоа прифатени се и други видови.

Предмети во клетот и ајатот. Во овие простории најчесто се чувале следните предмети:Каца, каче, буре, фучија, дрвена инка, стаклени балони, бутин за кисело млеко, бинлоци, рачна машина за ронење пченка, муљача за грозје, котлови, ѓугуми, стомни, бардачиња, решето, шиник, сита, сацаеци со разни големини, дрвена голема инка за грозјето, пирејка и др. Во клетот или *подчардак* имало *камара* – наредени исечени дрва.

Други предмети. Еден, речиси од задолжителните предмети во куќата бил *разбојот* за ткаење на платна и килими. Иако се повеќе во куќите влегувале предмети од текстил кои биле изработени во фабрика, сепак, разбоите во тетовските куќи се среќавале и до педесеттите години на 20. век. Покрај разбојот имало *мотало за преѓа*, *чункови*, *чеперошка*, *рачни кадели*.

Во ајатот се наоѓал *амбарлокот*, голем сандук поставен на место кое непрестајно се ветрее и во кое се чувало брашното. Некои амбарлокот го чувале на чардак, а чардаците и ајатот се правеле секогаш кон сонцето. Амбарлокот бил долг околу 2 метри, висок 1,5 метар и широчина 1, 2 метри. Имало и помали, но и поголеми од оваа стандардна големина. Собирал околу 500 оки жито – пченица. Р'жот го чувале во помали сандуци или буриња. Амбарлокот, одозгора во средината имал *голем капак*, преку кој се истурало житото со вреќа. На долниот преден дел во средината се наоѓало *вратиче*, што се отворало во правец нагоре – надоле на лизгање и се викало *сурме*. Житото во амбарлокот морало да одлега три месеци, пред да се меле. Кога се носело житото на мелење кај воденичарот му се оставало 10 проценти. Во Тетово секоја куќа имала амбарлок, бидејќи многу од домаќинствата имале и по некоја помала нива[1563].

[1561] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 232, филозофски факултет . . . цит. дело, 1/1620.
[1562] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 11. 2008.
[1563] Истото, 24. 10. 2006.

*Предмети во огниште.*Куки, синџири, ченгели (сите за бесење на месо за сушење и пушење и за обезбедување од штетници)

Предмети во визбата. Качиња за сирење, каца за кисела зелка, каче за туршија. Во визбите имало *комарник*, направен од дрво и метална мрежа како кафез, кој висел на таванот од подрумот, за да биде што помалку достапен за штетници и во него се чувале одредени прехранбени продукти.

*Алати за дворот.*Вила, ашов, лопата, копач, секири, пила, чекани, колови, чускија, гребло, тесла, мотика, српови, коса.

*Средства и предмети за транспорт.*Пешаците за пренос на лични предмети, купена стока и храна користеле *зембиљ*[1564] и *бисаќе*, потоа, *корпи*, *кошници* и *табли*, доколку носеле производи за продажба. Како главно транспортно средство во турскиот период, поради конфигурацијата на земјиштето, за брдските краеви биле *брдските коњи* и *магариња*та, а за рамнините *воловите и биволите*[1565]. Селаните од тетовскиот подгор и поселие употребувале прости и грубо изработени запрежни коли, кои се правеле во Старо Село. Колите биле тесни, изработени од дебело дрво со мал капацитет на запремнина, така што тежината повеќе доаѓала од колата а помалку од товарот. Ваквите коли ги влечеле пар волови или биволи[1566]. Запрежните коли со амортизери се нарекувале *брчка* или *јајлии*. И човекот се користел како превозно средство за пренос на стоки. Тоа биле т.н. амали, кои во Тетово ги имало на одредено место, близу житниот пазар[1567].

Во Тетово, во почетокот на 20. век се среќавале различни запрежни теглечки и товарни коли. Сообраќајните средства биле потполоно зависни од конфигурација на теренот, по кои се направени патиштата и патеките. На многу селани, иако живеат во рамницата, подраг им бил товарниот сообраќај од теглечкиот, што е резултат на долгогодишните навики со кирациискиот превоз. Покрај тоа товарниот сообраќај е поевтин, затоа што не мораат да држат скапи превозни коњски коли, и бараат многу оправки. Сепак рељефот одиграл клучна улога и дал правилна поделба на сообраќајните средства. Планинците морале да користат самар, во подпланинаските места со две тркала, додека рамничарите користеле двоколници или коли со 4 тркала (колца). Типични за ова подрачје биле тешките воловски коли со дебели и грубо изработени тркала, на кои ретко се гледале железни обрачи. Рудата е многу дебела и широка на која вообичаено седи оној кој ја тера. Ваквата кола ја нарекувале *араба*, што е турски израз за

[1564] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006. Според Драго Симовски, името *зембиљ*, потекнува од турските зборови *сем* и *биљ*, што во превод значеле *сам знае.*

[1565] Истото, 35.

[1566] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 19. 08. 1891, 2.

[1567] И во триесеттите години на 20. век, имало двајца Македонци во градот кои работеле како амали и тоа Ѓиго Шуте и Ѓиго Желинко. Другите амали биле претежно Горанци од Призренско и неколку Роми.

кола, по која и превозниците на запрежните коли ги нарекувале *арабаџии*. Нивниот горен дел е подвижен што зависи од стоката што се пренесува. Ако се пренесува пченка во клипови или пченица во вреќи, тогаш има рамка од даски, ако се превезува сено или слама или шаш, тогаш рамката се ваѓа и се натнува на колцата, специјална рамка од долгнавести мотки за да можат што повеќе да носат лесна и растресита стока, како што е на пример сеното и сламата. Таму каде што теренот не е така стрмен се употребувале двоколки со впрегнати волови. Двоколката со високи прегради од пратови, влечена од два биволи се нарекувала *сколесник*[1568].

Многу често се среќавале вкусно направени и шарени кочии, кои биле донсувани од страна, од Панонија и Влашко, каде оделе на печалба. Се правеле и во Тетово кочии од друг тип, не како овие донесени од странство. Коњските коли, на четири тркала и покриени со платно во Тетово ги нарекувале *уртија*[1569]. На уртијата биле инсталирани 4 фино изработени клупи, една по друга. Имало дватипа уртии, *федерлии* и обични - *сандаклии*. Вакви коли се користеле и за такси. До 1928 години, кога се појавија автомобилите, до Скопје се одело со *пајтон*, а за првоз на стока се користела арабата[1570]. Колите со амортизери се нарекувале *јајлии* или *брчка*[1571]. *Чезата* била на две тркала со федери две до три седишта и мал багажник и се влечела од еден или два коњи. Во градот чезете ги држеле ановите, односно анциите и ги издавале за превоз до селата и сл[1572]. Сообраќајни средства во планинските предели биле коњот, магарето или маската, сите со самар.

Велосипедите се нарекувале *точаци* и кога некој вози се велео дека *јава точак*[1573]. За прв велосипедист во Тетово се сметал Коле Бичекција (ножар), кој имал велосипед уште од 1903 година[1574]. Други кои имале велосипед во подоцнежниот период биле Јоше Настоски[1575], Стојан С'ска, велосипед со карбитна ламба, потоа Илько Грнчар, Спиро Грепче со висок велосипед. Јоше Шипка издавал велосипеди на користење и бил првиот кој ги поправал[1576].

Првите цивилни моторни возила меѓу тетовчаните се појавиле во раните дваесеттите години на 20. век. иако во градот првите возила се појавиле уште со почетокот на Првата

[1568] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 08. 2006.
[1569] Александар Санко Ристоски (1924 – 2008), пензионер од Тетово и Александра Ристоска (1927), пензионерка од Тетово, архива – Б.С.
[1570] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 10. 2006.
[1571] Истото, 08. 02. 2007.
[1572] Истото.
[1573] Истото, 02. 12. 2005.
[1574] Истото, 08. 12. 2005.
[1575] Според искажувањата на Мирче Настоски, правник од Тетово, внук на Јоше Настоски.
[1576] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006. Татко му на Спиро Грепче бил претставник на фирмата Сингер и велосипедот го добил од фирмата.Меѓу првите велосипедисти биле и двајца или тројца деца од беглери. Турчинот Караман, имал повеќе велосипеди и ги издавал за користење од граѓаните. Благодарејќи на тоа, многу тетовчани научиле да возат велосипеди.

балканска војна. Меѓу првите тетовчани кои имале свои автомобили биле Трпе Ќафо, Столе Ренто (Форд Кабриолет), Благоја Ќемане (имал Фиат, а потоа Форд - Т) и др[1577].

Каде се автомобилите, тука се и моторите. Тие исто така се појавуваат во дваесеттите години на 20. век. Меѓу првите моторџии во Тетово биле Делчо Лешковски (мотор - БМВ), Благоја Ќемане (мотор - Бјанки), Гаврил Гашо Тодоровски (мотор - Индијана), Андро Кандило, Драго Топалот, Драган Катмерић (мотор - Бјанки) и др[1578].

По Втората светска војна, бројот на приватните возила бил уште помал од периодот пред неа. Тоа се должело на мошне ниските стандард предизвикан најмногу од војната, национализацијата на сите приватни возила. Така во градот имало по некој стар автомобил од пред втората светска војна, запленети стари италијански камиони *Алфа Ромео* од војната, некој *Доџ* и *Џејмс* и по некој автобус, некогашна сопственост на фирмата на *Браќата Поповиќ*[1579]. Дотурот на стока и во државните институции и претпријатија се одвивал со коњска запрега.[1580] Првите приватни возила во Тетово се појавиле повторно дури од 1958 година, и тоа *Опели* и *Москвичи*[1581].

[1577] Истото, 16.12. 2005; Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 94 – 100.
[1578] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006;
[1579] Божидар Васоски – Бошко Тупанче (1937 -) историчар во пензија, изјава од 20. 03. 2006, лична архива, Б.С.; Браќата Поповиќ, биле синови на познатиот тетовчанец Андро Жуже.
[1580] Истото.
[1581] Истото.

ГЛАВА V

КУЛТУРА И СПОРТ

5.1 ОРГАНИЗИРАН КУЛТУРН ЖИВОТ

5.1.1 БИБЛИОТЕКИ,ЧИТАЛНИ И КНИЖАРИ

Најстарата библиотека за која се знае во тетовскиот крај е онаа која е формирана од Кирил Пејчиновиќ уште со обновувањето на Лешочкиот манастир во 1818 година[1582]. Црквите и манастирите биле местата каде што се чувале старите средновековни ракописи, така што е можно и во тетовските цркви да постоеле такви црковни и манастирски библиотеки, кои повеќе има изгледи дека истите се уништени отколку сочувани со оглед на тоа дека е познато континуираното уништување на тетовските цркви.

Во втората половина на 19. век, се поголем е бројот на тетовските просветни работници, црковни лица, трговци, печалбари и студенти, кои имале потреба од книги и библиотека во градот. Имало Тетовчани кои нарачувале книги, како што е примерот со единствениот до сега познат запис од Милосав. Имено, во книгата *Чудеса Пресвјатаја Богородици*, стои дека се вика Милосав Станоквич дека *од град тетоски се пресели у манастир лешечки св. Атанасија Александриски при игумена Кирила еромонаха* и кога ја купил книгата од Арсенија во 1845 година имал 45 години[1583]. Познат помагатели за печатење на книги од Тетово биле Серафим Архимандрит, свештеникот Минчо Поп Георгиев, свештеникот Атанасиј Деспотов, учителот Наум Иванов, свештеникот Крстев Стојан, учителот Спасов Никодим и други тетовски свештеници и учители[1584].

Во големиот одлив на највредни книги и ракописи, кои од Македонија се превземени од библиотеките на Русија, Србија, Бугарија и други европски држави, за жал имало и книги кои се собирани од Тетово и Тетовско и за секогаш однесени. Меѓу оние кои биле задолжени за тоа се споменуваат учителот Стојко Аќимовиќ и Марко Тасов Мушовиќ од Тетово[1585].

За најраната библиотека во Тетово се смета онаа која се наоѓала во егзархиското училиште, а се споменува уште од 1886 година[1586]. Во писмото се вели дека Скопскиот

[1582] Владимир Кочоски, Од буква до библиотека (библиотекарството во Тетово до 1941 год.), Тетово, 2000, 21 – 26.
[1583] Оливера Јашар Настева, Седмогрехникот . . . цит. дело, 83 - 84.
[1584] Петър Берон, Българската възрожденска интелигенция, София, 28, 47, 146, 187, 269, 298, 332, 351, 416, 509, 578, 580, 588, 601, 606, 615, 617, 627, 689 и 709.
[1585] Владимир Мошин, Словенски ракописи во Македонија, Архив на Македонија, Скопје, 1971, 13 – 14.
[1586] Ил. Ив., Църковно-училищното дѣло въ гр. Тетово и околията, Илюстрация Илиндень, Илинденската организация, София, 1937, 11 – 12.

егзархиски митрополит испраќа 3 книги за училишната библиотека во Тетово[1587]. Библиотеката ја користеле и граѓаните[1588], но истите и финансиски ја помагале, со лотарии[1589], организирање на претстави како што била една театарска претстава уште во 1898 година[1590] и сл. Во 1885 година, Тетово се вклучило во одбележувањето на 1000 годишнината од смртта на *Св. Методиј*[1591]. Во 1899 година го среќаваме името на библиотекарот на училишната библиотека – П. Топалов[1592].

Во 1908 година, Зарија Петрев Ѓорев Пожаранец, тетовската библиотека и читална ги споменува дури во својот тестамент на кои им остава по една златна лира: *1 лира на библиотеката у школо = за книги да купуат . . . 1 лира за читалиштето у чколо у клубот за книги чатат народот . . .*[1593]

Двете Балкански и Првата светска војна негативно се одразиле на сите видови на културно изразување. По завршетокот на Првата светска војна, режимот на Кралството СХС, наметнувало српска национална свест на делот од Македонија која го владеела. Библиотеките и читалните биле едни од погодните места каде што се очекувало дека ќе се остваруваат тие цели. Покрај училишните библиотеките, кои биле под контрола на државата, во Тетово имало и читални организирани од граѓаните. Од споредични извори дознаваме за читалната *Матица Тетовска*[1594].

Во јули 1922 година, била формирана и *Читална на тетовската младина* (Читаоница тетовске омладине), која е формирана од тетовската младина и каде што мошне бргу, напредните млади сили на градот пронашле погоден терен за развивање и на антирежимска дејност. Иако истата е формирана мошне брзо по злогласната Обзнана (1921 г.), уште на самото нејзино свечено отворање, Јован Марковски, тогашен студент по медицина во Виена, најавува отпор кон негаторската политика на некои соседни народи кон македонскиот со зборовите: *Оваа читална ќе биде од најголема полза за тетовската младина. Ова е прв чекор таа да се просвети и да се оттргне од својата положба која не е современа. Ние зборуваме дека сме одговорни пред иднината, а исто така забораваме дека* ***Македонците*** *во очите на некои други народи се полудиви луѓе. Денеска кога се знае дека се може да се постигне кога се сака, ние можеме да ги докажеме нашите способности на полето на уметноста и науката,*

[1587] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 331, Главен учител Тетово (1887 / 1912), 1893 г. АК – 1, 7/1.
[1588] Истото, АК – 2, АЕ – 36 – 50, бр. 104/1899.
[1589] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 331, Главен учител Тетово (1887 / 1912), АК – 2, АЕ – 36 – 50, бр. 104/1899.
[1590] Тетово и Тетовско . . . цит. Дело, 329.
[1591] Истото.
[1592] ДАРМ, Скопје, Црковно настојателство, Тетово, АК – 1, 40/1.
[1593] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 766, Зарија Петрев Ѓорев, Тетово, (1897 - 1920), кн.1, 113.
[1594] ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија Тетово, пов. Бр. 5, 25. 08. 1923 г.), АК. 38.

бидејќи има некои младинци кај кои може да се развие способноста за литературно творење[1595].

Тетовската Читална одиграла значајна улога во културниот живот и во одредени периоди најголем центар на културните случувања на градот[1596]. Освен базичната дејност за чување и позајмување книги на граѓаните, таа организирала и културни манифестации како што биле одбележување на јубилеи на значајни светски писатели[1597], предавања[1598], забавни вечери[1599] со концерти, театарски изведби[1600] и рецитали[1601] и др. Читалната организирала концерт на доајенот на македонската народна музика, собирач и исполнител, Васил Хаџиманов[1602] и изложба и предавање на Никола Мартиноски[1603]. Всушност членовите на Читалната се организаторите на Народниот универзитет во Тетово во 1928 година[1604]. Читалната е воедно и основач на хорот *Бинички* во 1922 година, кој со својата богата дејност и стотици одржани концерти го прослави името на Тетово на балканските простори и тетарската аматерска група на чело со Панта Николиќ Глумац во 1924 година[1605]. Во склопот на Читалиштето функционирал и *Шаховскиот клуб*[1606]. Според исказите на Никола Гугувчевски, кој бил благајник, Читалната била местото каде се *креирала политиката за културните настани во Тетово.*[1607]Највисок орган било Собранието на Читалната, а непосредно за работата на читалната се грижел управен одбор, низ кој поминал повеќе угледни граѓани на Тетово.

[1595] Истото, 40.
[1596] Глас Полога, Тетово, Читаоница – задатак и значај, 02. 10. 1937, 1.
[1597] Сима Петровић, Читаоница тетовске омладине се спрема да свечано прослави двадесетпетогодишњицу смрти највећег словенског писца Толстоја, Глас Полога, Тетово, бр. 138, 16. 11. 1935, 2.
[1598] Истото, бр. 107, 13. 04. 1935, 3.
[1599] Истото, Пред друго забавно вече Читаонице тетовске омладине, бр.140, 30. 11. 1935, 2.
[1600] Истото.
[1601] Истото, 1935, 2;ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978, 39 – 42; Глас Полога, Тетово, Рад Читаонице тетовске омладине, 16. 10. 1937, 3; Истото, Апел Читаонице тетовске омладине, 16. 10. 1937, 4.
[1602] ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978,41.
[1603] Глас Полога, Тетово, Скопски сликар Никола Мартиноски говори о себи и о свом раду, 15. 05. 1937, 4.
[1604] Истото, Годишња скупштина тетовске читаонице, 09. 10. 1937, 3.
[1605] Ристо Стефановски, Кратката пролет на некои театри во внатрешноста на СРМ, Современост, Скопје, 1977/78, 72.
[1606] ДАРМ, одд. Тетово, Стеногравски белешки . . . цит. док., 37
[1607] Нада Јурукова, Развојот на просветата во Тетово и Тетовско во 1944 – 1945 година, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 222; Трпко Стаматоски, Прогресивното движење . . . цит. дело, 141. *Во организација на Читалиштето есента 1937 година подготвивме програма за забава во градот. Во програмата беше опфатена театарска драма "Закопајте ги мртвите" од Ирвин Шо, хорската песна "О класје моје", рецитацијата "Плач Матере Човекове", песни соло и дуети. Забавата со голем успех беше одржана во преполната сала на тогашниот ресторан Јадран.*

Во 1930 година Тетовската читална располагала со 3.200 наслови[1608]. Од 1932 година Читалната ја превзеле истакнати антирежимски ориентирани младинци, а книжниот фонд добил сосема нови наслови[1609]. Читалната била место каде се собирале младинци со напредни идеи и во неа чувале и книги кои биле забранувани од властите, особено од 1939 година, кога во читалната се зачленила и многу ученици на тетовската гимназија и работници од тетовската тутунска станица, а истите ја превзеле и управата на истата[1610].Некои активности на читалната биле забранувани од властите, како на пример Свечената академија по повод доаѓањето на Иван Делбос, министер на Народнофронтовската влада на Р. Франција во Белград[1611].

Меѓу активните членови на Читалната биле: Јован Маркоски, Боро Нешоски, Панта Николиќ, Виктор Аќимовиќ, Никола Николиќ (кој после завршувањето на неговата лекарска служба во Тетово испраќал книги за Читалната од Загреб), Никола Павловски, Симо Петровски Јогун, Жика Миљковиќ, Спиро Антески, Александар Ѓорѓевиќ, Ѓорѓи Миновски, Кочо Тулевски, Симо Момировски, Никола Коле Гугувчевски, Ѓоко Фидановски, Томо Софрониевски, Никола Ветер, Ќиро Ристоски Цинцар, Стевица Бошњак, Трпко Стаматовски, Славка Фиданова, Славко Наумовски, Ѓоце Стојчевски Амбарче, Круме Наумовски, гостиварчаните Боро Камчевски, Миле Тоте и др[1612].

Просториите на читалиштето се наоѓале во зградата на Црвениот крст, а подоцна во центарот на градот на ул. *Илинденска*, кај некогашната Тупан Џамија[1613]. Работното време на читалната било три пати неделно од 18 – 20 часот[1614].

Библиотеката на тетовската гимназија во 1920 година располагала со вкупно789 наслови[1615], во 1930 година имала 886 наслови: часописи, расправи, учебници, стручна литература и др[1616]. Во 1935 година оваа библиотека поседувала 1122 книги[1617], а во 1940

[1608] Михајло Георгиевски, Прогресивната улога на читалиштата во Тетово и Тетовско меѓу двете светски војни, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 163.
[1609] Трпко Стаматоски, Прогресивното движење . . . цит дело, 140.
[1610] ДАРМ, одд. Тетово, Стенографски белешки . . . цит. фонд, 36 - 37.
[1611] Трпко Стаматоски, Прогресивното движење . . . цит. дело 141. За академијата свои говори подготвиле Виктор Аќимовиќ, Симо Петровски, Трпко Стаматовски и Крумче Наумовски.
[1612] ДАРМ, Тетово, Одбор за подготвување на монографија за Тетово и Тетовско низ историјата, Сеќавања од 8 (осум) средби на учесниците во НОВ, Тетово, 22. 04. 1979; Нада Јурукова, Развојот на просветата . . . цит. дело, 222.
[1613] Глас Полога, Тетово,бр. 92, 29. 12. 1934.
[1614] Иатото, 26. 10. 1935, 4.
[1615] Марија Јовановиќ, Просветно – политичките . . . цит. дело, 377.
[1616] ДАРМ, Скопје, ф. Бр. 323, Филозофски факултет Скопје (1920 – 1941), АК – 38, 390 – 391.
[1617] Државна реална гимназија у Тетову, Извештај за школску 1934 – 1935 год, Тетово, Јадран, 1935, 24.

година 1346 наслови[1618]. Во составот на Гимназијата функционирало ученичкото литературно друштво *Скерлиќ*[1619].

Тетово располагало и со приватни книжарници, во кои освен канцелариски материјал се продавале и печатени материјали од тетовските и други издавачи и печатници. Кузман Најденовски во 1926 година ја има отворено својата книжарница *Јадран*[1620]. Подоцна книжарата заедно ја држел со Атанас Спировски. Втора книжарница била онаа на Душко Алексоски.

Во Тетово во 1920 година бил отворен првиот клуб на П*ријатели на Франција*, во вардарскиот дел на Македонија, т.н. *Француски клуб*[1621]. Клубот, како и сите други такви во тогашното Кралство на СХС, имал за цел да одржува врска со оние кои знаат и сакаат да учат француски јазик и да ја сакаат големата француска земја. Клубот имал своја читална, во која можеле да се читаат петнаесетина различни француски списанија, книги и сл[1622]. Неговата дејност во почетокот на триесетите години згаснала, за да во 1934 година дојде до иницијатива за негово возобновување и повторно функционирање[1623]. Една од првите активности на овој клуб по неговото обновување биле организирани курсеви за француски јазик, кои ги воделе Никола Капа, професор во тетовската гимназија и Крсто Џордевски[1624].

Со свои културни активности се издвојувал и т.н. *Рускоmo друштво* кој ги обединувал руските емигранти во Тетово, нивните семејства и пријатели. *Овдешните руски емигранти, кои повеќето се вработени во државните надлештва, имаат свои посебни простории,некој вид на Руски дом, каде што редовно се состануваат. Во домот има и руска ресторација. Состаноците се одржуваат секоја вечер и врмето се проведува во играње на друштвени игри. Секоја сабота има другарска вечер со игранка. Минатата сабота, приредбата ја посетија некои тетовски граѓани со среснот началник . . .*[1625]

По Втората светска војна, во Тетово, покрај Градската Библиотека *Кочо Рацин*, во духот на социјалистичкото воспитување и образование, библиотелки се отворале и по

[1618] Михајло Георгиевски, Библиотекарството во вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, Култура, Скопје, 1989, 195.
[1619] Истото; Државна учителска школа у Скопљу, Извештај за школску 1929 - 1930 год., Скопље, 1930, 43 - 44.
[1620] Кузман Најденовски, Тетово во минато, Тетово, 1964, 6.
[1621] Spomenica dvadesetpetogidišnjice Južne Srbije 1912 – 1937, Skoplje, 1937, 1050.
[1622] Михајло Георгиевски, Библиотекарството во вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, Култура, Скопје, 1989, 126 – 127.
[1623] Глас Полога, Тетово, Поводом организовања Друштва пријатеља француске, бр. 84, 03. 11. 1934; Глас Полога, Тетово, бр. 85, Обнављање Друштва пријатеља Француске у Тетову, 10. 11. 1934, 3. Претседател бил Љубиша С. Митровиќ, срески началник во Тетово, потпретседател Симо Момировски – адвокат, секретар бил Крсто Џордески – трговец и благајник Андро Ристоски.
[1624] Истото, Курс француског језика, бр. 88, 01. 12. 1934, 3.
[1625] Истото, Друштвени живот Руса, бр. 205, 27.02. 1937, 2.

производствените претпријатија, каде се сметало дека, во слободното време работниците ќе го надоградуваат своето образование. Покрај овие, библиотеки имало и во сите училишта. Вкупниот број на книги во сите овие библиотеки во Тетово во 1950 година изнесувал 10. 587 и 89 различни списанија [1626] .Интересно е да се напомене дека во тие први години по ослободувањето, во градот егзистирале две градски библиотеки за литература на македонски и албански јазик, посебно.

Иако книжарниците не припаѓаат на организирана форма на културно дејствување поради својот придонес во културните навики но и како показател за состојбите во градот, во оваа прилика само ги споменуваме некои личности кои исто така дале свој придонес во збогатувањето на книжниот фонд во градот. Како најстар книжар во Тетово во изворите се споменува името на Крсто Михајловски, роден 1858 година[1627]. Пред втората светска војна во Тетово имало и две книжарници во кои покрај канцелариски материјал се продавал и печатен материјал и книги. Првата книжарница е на Душан Алексовски[1628] и втората книжарница на Спировски и Најденовски.

5.1.2 ПРОЗНИ ОБИДИ НА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ЈАЗИК И ДРУГО ЛИТЕРАТУРНО ТВОРЕШТВО

Писменото творештво на македонски народен говор во Тетово и Тетовско кое имало свој континуитет од времето на Кирил Пејчиновиќ, продолжило со прозни обиди во дваесеттите и триесеттите години на 20. век. Во 1925 година од печат излегла книгата на Јован Ќириќ Тетовац, *Да не се заборави*, како една од едицијата *Библиотека Македонија*, на Томо Смиљаниќ Брадина. Во книгата се сместени неколку раскази, напишани на тетовско и кратовско наречје. Темите се од секојдневниот живот на луѓето од овие градови[1629]. Расказите откриваат интересни детали од секојдневието на обичниот човек и неговата вештина за опстој.

Во 1938 година се појавува драмскиот текст на Боро Јосифовски под наслов *Општински удар*[1630], каде во нушиќев стил се исмејува алчноста и интригите на луѓето желни за власт во една селска средина. Карактеристични се описите на средината и личностите и откривање на интригите и големите амбиции на малите луѓе. Иако скромна по својата книжевна вредност, драмата на Боро Јосифовски *претставува убав прилог кон репертоарот на драмската книжевност* пишувана во четвртата деценија на 20. век[1631]. Освен овој драмски

[1626] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -15, 64/ 374.
[1627] Истото, Збирка на матични книги и домовници. Домовница од 1921 година, ред. бр. 2179.
[1628] Глас Полога, Тетово, бр.174, 25. 07. 1936, 4.
[1629] Јован Ћирић - Тетовац, Да се не заборави, Библиотека Маѓедонија, Скопље, 1925.
[1630] Бора Јосифовиќ, Општински удар, Јадран, Тетово, 1938; Глас Полога, Тетово, бр. 291, 22. 10. 1935, 4.
[1631] Харалампие Поленаковиќ, Еден драмски текст од 1938-та година пишуван на тетовскиот говор, Бигорски научно-културни собири 1978 – 1979, Скопје, 1980, 181.

текст, Боро Јосифовски објавувал и кратки раскази на српски јазик во некои весници во Скопје и Белград[1632].

Во весникот Глас Пологa, се појавуваат поголем број хумористички текстови напишани повеќето на македонски народен говор од страна на Михајло Серафимовски, познат како Мио Поп Серов, кој под овие текстови е потпишан со псевдоним *Сатир*[1633]. Овој автор, инаку банкарски службеник по професија, на интересен начин се подбива и ги критикува некои општествени појави но и некои човечки слабости. Ги издвојуваме следните наслови во броевите од 1936 година: *Газда Манче даје поверљиви извештај,* песната *Кинисале сељаните, Један Интервју, Мале вести из свих крајева света, Газда Манче хоќе да се кандидује за претседника, Мори Јовке Кумановке (песна), Разговор богоугодни између два присна пријатеља, о прашини водоводну и друго, Путешествије у Горњој Чаршију, Пронаћен је, Модерно раздужење, Човек који воли децу, Пецо Авукат и гуска, Газда Манче и његов брат Јанче, Шта је газда Манче видео на свом агитационом путу, Доживљаји једног ловца, Газда Манче у рају, Газда Манче чека уредбу, Три питања дата једном тетовцу и његови одговори,Газда Манче чека уредбу, Један Дирљив растанак, Печалбар,* и т.н.Со лични такви прозни остварувања на македонски народен јазик во овој весник се појавуваат и автори со други иницијали или псевдоними. Такви се оние на Б.О. *Како се шири лаж у Тетову* или *Сушинка* на Ц.О., потоа Јован Ќирић Тетовац со расказот *Орден* и др.

Во тетовската гимназија постоела литературна дружина *Скерлић*, основана уште учебната 1925/6 година[1634], која ги собирала во тоа време слободољубивите и надарени гимназијалци од Тетово и ученици од Црна Гора и претежно пишувале поезија[1635]. Во таа дружина, најактивна била од 1938 година и биле посебно истакнати Јован Ѓорѓевиќ од Тетово и Зоговиќ, Лекиќ, Саво Драгојевиќ др. Се собирале еднаш во две недели, се рецитирале песните, а претседател бил Саво Драгојевиќ. Томо Смиљаниќ Брадина, бил професор во тетовската гимназија. Како автор на повеќе прозни дела, градот Тетово, со познатите тетовски јаболка и убавите девојки, Смиљаниќ го зема како мотив за една од своите дела под наслов *Приповетка о тетовским лепотама*[1636].

Виктор Аќимович во 1937 година ја објавил песната *Реч од гурбетчија што работа за Форда*[1637]. Оваа песна е една од трите, со социјална тематика, обиди на Аќимовиќ да создава на

[1632] ДАРМ, Тетово, Ф. Бр. 553, Боро Јосифовски, новинар, АК – 1 – 5. (несреден)
[1633] Александар Серафимовски Санко, пензионер од Скопје, (1923 – 2003), изјава, 17. 09. 1998, лична архива, Б.С.
[1634] Глас Пологa, Тетово, Јован Скерлиќ и његово дело, бр. 327, 03. 06. 1939, 4.
[1635] Државно учитељска школа у Скопљу, Извештај за школску 1929 - 1930 год., Скопље, 1930, 42 - 44.
[1636] Јованка Стојановска, Книжевното научно дело на Томо Смиљаниќ Брадина, Матица Македонска, Скопје, 1994, 69 – 70.
[1637] Наш Живот, II, 13, Нови Сад, 01, 12, 1937, 8.

македонски јазик, со изразити карактеристики на неговиот тетовски говор. Песната, која иако ги нема поетските квалитети како оние на Рацин во *Бели Мугри*[1638], повеќе е значајна поради тоа што ја објавил две години пред стихозбирката на Рацин.

5.1.3 НОВИНАРСТВО

Локалната новинарска дејност во Тетово се појавува уште пред Младотурската револуција кога во помалите градски средини во Македонија се уште била ограничена слободата на печатот и изразувањето. Тетовчаните Симо Ацев Младенов, Кузман Најденовски со други сограѓани успеале да го издадат sидниот весник *Шар* во 1907 година. Овој sиден весник бил илегален и се печател со *рачна гумена печатница*[1639]. Весникот го уредувал Симо Младенов, а Кузман Најденовски ја вршел техничката работа.

За време на Првата светска војна во Тетово се појавува еден sиден весник, кој информирал за вестите од воените подрачја во Европа. Од еден сочуван примерок, се чита дека информациите се превземени од Пресбирото во Ниш, а весникот се печател во печатницата на Војо Ѓорѓевиќ во Тетово[1640].

Весникот *Глас Пологa*, се појавува на 01. 04. 1933 год. и се објавувал се до почетокот на Втората светска војна во април 1941 година. Сопственик и издавач на весникот бил Кузман Најденовски, а како уредници биле Лука Војводиќ – учител до бр. 21 и Никола Вучелиќ - улител до бр. 74. Од септември 1934 година, уредник е само Кузман Најденовски. Како соработници и автори на новинарските текстови му биле повеќе интелектуалци од градот: Виктор Аќимовиќ (за социјални теми), Мио Поп Серафимовски (за хумор), д-р. Симо Петровски и д-р Ристо Ѓорчевски (за здравство), Винко Антиќ, Милица Бужан и Анѓелко Цувај (за приватниот и општествен живот на градот), Тодор Скалоски (за музика), Ристо Кировски и Никола Гугувчевски (за спорт), Божидар Јовановски (за Гостивар), М. Марсекиќ (за земјоделие), Константин Глаткиј (за религија), Светислав Андрејчин и др.

Меѓу најистакнатите новинари со импозантен опус на новинарски прилози за Тетово е секако Боро Јосифовски. Како дописник на печатените медиуми, започнал во 1931 година и со оваа работа се занимавал следните 50 години. Бил дописник за мошне голем број весници од Македонија, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина, за што не случајно од колегите бил наречен *дописник на сите весници*.

Најистакнат новинар во периодот до 1950 година, од Тетово, сигурно е Виктор Аќимовиќ. Со написот во локалниот весник Глас Пологa во 1934 година, Аќимовиќ за прв пат

[1638] Блаже Ристовски, Македонски стих, 1903 - 1941, кн. 1, Мисла, Скопје, 1980, 177 - 178.
[1639] Кузман Најденовски, Тетово во минатото, 1964, 86.
[1640] ДАРМ, Скопје, ф. бр. Збирка на плакати.

се појавува со своја критика на работата на социјалниот уред за осигурување во Тетово[1641]. Од тогаш, на своите 18 години, овој тетовски новинар ги наговестил својата политичка и професионална определба, на кои ќе биде доследен до крајот на својот живот.

Во ноември 1934 година тој го издава својот весник *Тетовске новине*. Заедно ссо Виктор, како уредник на овој весник се јавува и Боро Атковиќ. Овој весник бил дефиниран како „ Независен задружно стопански книжевен весник". Од првиот до последниот десетти број на овој весник биле, од страна на тетовскиот суд забранувани, а после десетиот број сосема му е забранета новинарската дејност во Тетово на Аќимовиќ[1642].

Во 1938 и 1939 година, Виктор работи на издавање на своето најзначајно дело, весникот *Јужна стварност*[1643]. Со првиот негов број кој го дистрибуирал во Македонија, овој тетовски новинар отворено се спротивставил на властите за сите социјални и пред се национални права на македонскиот народ.

На 02. декември 1939 година Виктор Аќимовиќ бил уапсен во Тетово и околискиот началник му забранил престој во Тетово[1644]. Така тој набрзо бил интерниран во белградскиот затвор, по два месеци во логорот Билеќе, а од декември 1940 во логорот Меѓуречје, Ивањица[1645].

Во септември 1944 година[1646], Виктор Аќимовиќ се приклучил на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ и е еден од првите фоторепортери и фотодокументаристи на истиот. Тој дава свој придонес во создавањето на весникот Нова Македонија во с. Горно Врановци.

Во 1945 и 1946 година, Виктор Аќимовиќ не работел во Македонија како новинар, попречен од републички високи функционери. и бил принуден да работи како дописник од Македонија за весници од другите републики како на пример: Политика од Белград, Илустрирани Вјесник од Загреб, Товариш од Љубљана и др.[1647]. Преку овие дописи, Аќимовиќ ја запознавал целокупната југословенска јавност со македонската традиција, култура и историја. Посебно се забележителни неговите записи за илинденскиот период и проблемите на

[1641] В.А., Радничке невоље, Глас Полога, Тетово, бр.72, 11.08.1934,3.
[1642] ДАР, Одд. Тетово, Виктор Аќимовиќ, 14 - 20.
[1643] Виктор Аќимовиќ, Јужна Стварност, Отворено писмо, господину Николи Вулићу, академику, Београд, Марибор, децембар, 1939, бр. 1,2.
[1644] ДАРМ, Скопје, Виктор Аќимовиќ, цит. фонд. АК - 1; Кинотекла на Р. Македонија, Скопје, Виктор Аќимовиќ, АК - 175, АЕ-44; ДАРМ, Одд. Тетово,, 33, Одлука на Околискиот началник Тетово, 124/40, 20.01.1940.

[1646] Кинотекла на Р. Македонија, Скопје, Виктор Аќимовиќ, цит. фонд, АК-1, АЕ -46, Записник на изјава на Гавровски Соломон; Виктор Аќимовиќ, цит. фонд, писмо на Виктор Аќимовиќ до Боро Чушкар . . . 1-2; АК-5, АЕ-1, фотографии од НОВ.
[1647] ДАРМ, Скопје, Виктор Аќимовиќ, АК-1, Пресуда на Окружниот суд Скопје, бр. К. 139/50 од 06.09.1950.

Македонците во Грција и давал коментари и информации за граѓанската војна во оваа земја. И покрај успешните и мошне афирмативни текстови за Македонија, тој и натаму бил прогонуван и никогаш не му е дозволено да создава новинарски текстови на јазикот и за народот за кои се борел. Неговата новинарска активност прекинува со неговото апсење во 1948 година, поради неговата поврзаност со Информбирото, по што, Виктор Аќимовиќ одлежал 4 години затвор во Идризово[1648].

Со појавата на електричната струја во Тетово, се создале услови за употреба на радио апаратите во градот, чиј број, кон крајот на триесеттите години бил значителен. Честите прекини на струја бил главниот проблем на слушателите, па за амбиентот околу овој проблем пишува еден новинарски напис: *Бројот на апаратите не го знаеме, но сигурно има преку тристотини. Во секој случај, во Тетово има толку радио слушатели, што за нивното мислење мора да се води сметка. Меѓутоа управата на овдешната хидро-централа како да не ги има предвид тетовските радио – слушатели. Работејќи така, таа може и вака да постапува: да Тетово во Недела нема струја од 7.30 до 16.30. Сигурно мислат: преку ден струјата не е потребна за осветлување на становите, а за радио – слушателите не им е грижа. Излишно е да се нагласува дка недела е токму ден кога повеќето луѓе бараат разонода; дека програмата на радио – станиците преку недела е избрана; дека има возрасни луѓе на кои им е важно да ја слушнат божјата служба преку радиото предпладне, а попладне народна музика на нивните омилени инструменти*[1649]. Во Тетово имало и посебен претставник на фирмата Филипс за продажба на радија, а тоа бил Душан Џордевски[1650].

За време на Втората светска војна, Тетово прераснал во центар на револуционерниот илегален печат во западниот дел на Македонија[1651]. За разлика од весниците кои излегувале во предходните периоди во Тетово, овие весници биле илегални и пишувани на македонски јазик. Есесната 1941 година, тетовскиот комитет на КПЈ располагал со едно радио и машина за пишување и преса, што било доволно да се издава еден радио весник, на еден лист. Весникот го подготвувале Илија Антески Смок, Димо Гавроски Кара, Андре Савески и Душко Поповиќ. Главниот организатор на печатењето бил Тодор Ципоски Мерџан. Печатницата се наоѓала во посебен бункер во неговиот дом. Во мај 1942 година започнало издавањето на весникот *Неделен весник*. Овој весник бил единствен таков, во делот на македонија под италијанска

[1648] Истото, АК-1, пресуда К.139/50 од 06.09.1950.
[1649] Глас Полога, Тетово, Једна невоља тетовских радио-слушалаца, бр. 362 и 363, 23. 04. и 04. 05. 1940, 4.
[1650] Истото, 01. и 08. 01. 1938, 6.
[1651] Нада Антева, Развојот и работата на партиската оргнизација во Тетово и Тетовско - ноември 1941 - март 1943, Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 220; Стојан Вељановски, Партиската техника на месниот комитет и окружниот комитет на КПЈ/КПМ во Тетово во НОВ, Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 288 - 293; Бранислав Светозаревиќ, Компас како повод, Новинарството во Тетово, Компас, Тетово, 15.11.2000, 9.

окупација и се диструбуирал низ сите поголеми центри. Главен уредник бил Кузман Јосифовски Питу, но весникот го уреувале и Крсте Црвенковски и Димо Гавровски Кара. Неделниот весник бил испечатен во 11 броеви, по што бил заменет со весникот *Братство - Гласило на слободна Македонија*, орган на Окружниот комитет, на македонски и албански јазик. По два негови броја, весникот бил преименуван во *Востаник*, кој излегувал од печат се до февруари 1944 година.

Преку овие весници Окружниот комитет го повикувал населението на отпор и револуционерна борба и давал информации за состојбите за фронтот низ светот.

По ослободувањето, постоела инијацитива за издавање на нов весник во Тетово, па до неговата реализација ошло во 1948 година, кога предвоените новинари и печатари од Тетово, го издале првиот број на весникот *Шар*[1652], како орган на Околискиот и градскиот одбор на народен фронт на Тетово. Весникот бил неделник и бил печатен на македонски и албански јазик. Негови уредници биле: Нешо Марковски, Тошо Апостолски, Цветан Аврамовски и Илија Димитриевски. Весникот најмногу ги обработувал прашањата за обновата на општината по војната, стопанскиот, политичкиот, културниот и спортскиот живот во Тетово и Околијата. Овој весник редовно излегувал се до 1950 година.

5.1.4 ТЕАТАР

За најстара позната театарска претстава, изведена во Тетово се смета комедијата под наслов,*„Тројца зетови и една невеста”*, изведена кон крајот на 19. век[1653].

Во 1909 година, група учители од Тетово, извеле две драмски претстави: *„Марија Зана”* и комедијата *„Ќе се самоубијам”*[1654].

Во рамките на *Читалната на тетовската младина*, формирана е театарска аматерска група. Поточно, во 1924 година под раководство на Панта Николиќ Глумац, поранешен статист во белградскиот театар, била формирана театарска група[1655]. Втор познат актер од оваа група бил Трпе Цинле, познат по својата духовитост и надвор од театарот. Со сличен дух бил и Душко Аврамовски Шапшо и др. Познати претстави на оваа театарска група биле: *„Печалбари”*, *„Некаде во Белград”*, *„Народен пратеник”*, *„Покојник”*, *„Сомнително лице”*,

[1652] Истото.
[1653] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 131.
[1654] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 734, Боро Мокров, новинар, АК -1, превод (машинопис) на статијата од весникот Вести, бр. 69 од 27. 02. 1909.
[1655] Истото.

„Закопајте ги мртвите" и други претстави. Последната претстава била подготвена со режисерот Лео Новак.

Втора активна аматерска драмска група била онаа при Здружението на занаетчиите. Во неа глумеле Ѓоко М'срка, Ѓорѓе Михајловски, Ѓоко Миниќ, Ацо Гангстер, Слободан Мојсиќ, Фанија Томиќ, Душан Цветковиќ, Слободан Гавровски и др[1656]. Нејзини познати претстави биле *„Зона Замфирова", „Судбина на еден разум"*[1657]и др.Со претставата *Зона Замфирова* оваа дилетантска група гостувала во Гостивар[1658], а потоа и во Кичево[1659].

Театарските претстави на овие две дилетантски групи се изведувале на повеќе места во градот и надвор од него: во хотел *Јадран*, хотел *Југославија*, *Соколаната*, во дворот на Лешочкиот манастир и дворот на старата тетовска општина и др. простори. Театарскиот живот во градот го збогатувале и разни други драмски секции на хоровите[1660], монополските работници, на училиштата, *С.К. Бистрица*[1661], па дури една драмска претстава приредиле и геометрите, кои две години работеле на премер на катастарското земјиште во Тетово[1662]. Тоа укажува дека театарот во Тетово, меѓу двете светски војни иако аматерски бил еден од најомилените и најпосетувани културни пројави. Публиката ги полнела салите, со воодушевување ја доживувала секоја претстава, без оглед на тоа дали се работи за изведба на некој професионален театар кој гостувал од големите центри или за групи создадени од тетовските маалски, училишни или занаетчиски кругови.

Тетовската младинска читална, преку својата театарска секција организирала театарски претстави и рецитали. Во оваа театарска група биле: Александра Цинлевска, Душан Цветковски, Никола Новаковиќ, Никола Ветер, Ќира Симовски и најискусниот меѓу нив Панта Николиќ[1663]. Во ноември 1935 година оваа група ја извела комедијата *„На смртни маки"*, а Панта Николиќ имал свој рецитал со ликот на *Сирано Де Бержерак*[1664].

[1656] Глас Пологa, Тетово, бр. 148, 25. 01. 1936, 3; Глас Пологa, Тетово, Занатлијаска забава, бр. 206, 06. 03. 1937, 3.
[1657] Истото, бр. 206, 06. 03. 1937, 3.
[1658] Истото, бр. 148, 25. 01. 1936, 4.
[1659] Истото, бр. 149, 01. 02. 1936, 4.
[1660] Така на пример во чест на одбележувањето на православниот празник *Св. Кирил и Методија*, пеачкото друштво *Кирил Пејчиновиќ*, покрај големиот концерт ја приредиле и театарската претстава *Обичен човек*, комедија во три чина од Бранислав Нушиќ. Улогите ги играле следните актери: Душан Ецовски, Вера Василевска, Боро Атковски, Благ. Стевчевски, Ѓоко Миновски, Никола Ветер, Цв. Самоиловски, Ќирко Симовски, Надежда Гребенаровска и Ацо Димитриевски.
[1661] Глас Пологa, Тетово, Врло успела забава првака Тетова С.К. Бистрица, 208, 20. 03. 1937, 3.
[1662] Истото. Така фудбалерите на СК *Бистрица* ги извеле претставите *Ристо Центарфор* и *Црвени и Плави*, а монополските работници, драмата *Печалбари*. Како членови на оваа секција биле Панче Камџик, Цена и Рада Антески и др. Мошне интересен пример е и организираната оперета *Снежана* од страна на учениците од тетовската гимназија. Според весникот *Глас Пологa*, учениците сами ја режирале, подготвиле костими и сценографија, а наплаќале и влезници.
[1663] Истото, Пред друго забавно вече Читаонице тетовске омладине, бр.140, 30. 11. 1935, 2.
[1664] Истото.

Во Тетово често гостувале и театри од Скопје, Белград и други градови од Кралството. Особено голем број на претстави во Тетово изведувал патувачкиот театар *Боем*, на познатиот глумец Петре Прличко. Овој патувачки театар кој давал претстави во многу градови и села, во зимските месеци останувал во Тетово, каде што ги користел бесплатните услуги на хотелот *Јадран* и сопственикот Паскал Ѓорѓески. За возврат, театарската група изведувала редовни претстави на сцената во хотелската сала. *Во четврток на 29 септември прикажана е театарската претстава „Д–р", од Бранислав Нушиќ . . . На репертоарот на овој театар се наоѓаат уште овие претстави кои во текот на гостувањето ќе бидат прикажани на тетовската публика. Тоа се: „Г-ѓа министерка" од Нушиќ, „Стари Каплар" од Д. Ерениха, „Шпанска мушичка" од Арнолд и Бах, „Лесковчани у Паризу" од Љ. Арсеновиќ, „Евреjка" од Скриб, „Хасанагиница" од Огризовиќ, „На дну живота" од Горки, „Скамполо" од Никодеми, „Подметнување" од Глишиќ, „По патот на цвеќето" од Катајев, „Меѓу полноќ и зората" од Сајмплов, „Ослободувањето на Коста Шљука" од Петровиќ, „Нашиот папа кај богатите" од Вотел, „Два букети црвени рози" од Н.Н., „Туѓо дете" од Сверкин, „Дупла Пуница" и „Прва брачна ноќ" од Биков, „Ајша" од Чоровиќ, „Госпоѓа Х" од Дима, „Париска сиромаштија" од Фиери, како и големата ревија од Нушиќ – „Пат околу светот"*[1665]. Во овој период театарот *Боем* ги извел и претставите *„На Запад ништо ново"* од Ремарк и *„Воскреснување"* од Толстој[1666]. Во 1938 година оваа театарска група ја извела претставата *„Коштана"*[1667]. Своите први актерски чекори, во патувачкиот театар Боем, ги има направено и најпознатиот тетовски глумец Панче Васовски Камцик, како и Александар Цветановски (Аце Гангстер). Покрај многуте претстави тука се подготвувале и премиери. Премиерата на *македонска крвава свадба* во Тетово на патувачкиот театар, *Боем*, во Тетово е изведена во 1937 година во хотелот *Јадран*[1668]. За овој настан Прличко во едно свое интервју, многу години подоцна изјавил: *Ја игравме во Тетово, „Македонска крвава свадба", и кога Цвета рече: Удри куче едно јас сум Македонка, учена на маки, се направи митинг, кордон жандарми не обиколија и нас, артистите како што бевме маскирани, не одведоа во горните простории на сегашниот ресторан „Ловец" каде што беше сместена полицијата. Таму ми ја одзедоа дозволата да водам свој сопствен театар. Беше тоа таму некаде во 1939 и 1940 година – напредни луѓе од Тетово ми дозволија „Македонска крвава свадба" да ја подготвам во Тетово и таму премиерата ја дадов*[1669]. Во 1936 година тетовската публика имала можност да проследи уште една македонска битова драма *„Печалбари"* од Антон Панов во изведба на

[1665] Глас Полога, Тетово, Позориште Боем у Тетову, 02. 10. 1937, 3.
[1666] Виктор Аѓимовиќ, Гостовање позоришта Боем у Тетову, Глас Полога, Тетово, бр. 237, 16. 10. 1937, 3.
[1667] Глас Полога, Тетово, бр. 296, 26. 11. 1938, 4.
[1668] Лилјана Мазова, Театар на други јазици, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес, книга 13, МАНУ, Скопје, 2004, 312.
[1669] Јован Павловски, Бев со нив, Полог, Тетово, 1979,

Скопскиот народен театар[1670].Во Тетово гостувале и театарски групи од Скопје[1671], Штип[1672], Белград[1673] и други градови.

Во периодот по Втората светска војна, тетовските аматери продолжиле со давање на театарски претстави, во склопот на драмската секција при КУД *Иљо Смок*. Потоа се формирани уште три театрски групи во составот на КУД *Радован Цоникќ*, при А.Ф.Ж – Тетово и театарската секција на Земјоделскиот техникум[1674]. Свои претстави давала и театарската секција на тетовската гимназија *Кирил Пејчиновиќ*[1675]. Една од првите претстави на македонски јазик по војната извеле борците на Артилериската бригада, односно едночинката *Во борба*, како и три рецитали[1676]. Секцијата на КУД *Иљо Смок*, набрзо во март 1947 година прераснала во *Градско драмско друштво*[1677], а ова драмско друштво прераснало во Градски народен театар.

Првиот професионален театар во Тетово е отворен во август 1950 година[1678], а на 11 Октомври е изведена премиерата на *Чорбаџи Теодос*, во режија на Панта Николиќ.[1679] Овој театар бил составен од познати дотогашни глумци аматери, кои долги години учествувале во разни дилетантски театарски групи во Тетово, но и млади кои штотуку започнале со нивната театарска дејност. Меѓу поискусните глумци биле Панта Николиќ Глумац, Александар Цветановски – Гангстер, Панче Васовски Камџик, Трпе Кочовски Џинле, Убавка Славујиќ меѓу помладите биле Панче Грнчаровски, Маца Грнчарка, Душко Варналиев и др[1680]. Секоја година

[1670] Михајло Серафимовиќ, Печалбари – драма из нашег живота коју сваки положанин треба да види или прочита, Глас Полога, Тетово, 170, 27, 06. 1936, 4.

[1671] Глас Полога, Тетово, бр. 117, 22. 06. 1935, 4; Истото, бр. 118, 29. 06. 1935, 3; Истото, бр.150, 08. 02. 1936, 4; Истото, бр. 163, 09. 05. 1936, 2; Истото, бр. 169, 20. 06. 1936, 4; Истото, 26. 11. 1938, 4; Истото, бр. 218, 29. 05. 1937, 4; Истото, бр. 348, 25. 11. 1939, 3; Глас Полога, Тетово, бр. 360, 30. 03. 1944, 2; Ристо Стефановски, Театарот во Македонија, од почетоците до ослободувањето, Македоника, Скопје, 2011, 225, 231, 252, 350, 370, 371, 406, 427.

[1672] Ристо Стефановски, Театарот во Македонија, од почетоците . . . цит. дело, 507.

[1673]Глас Полога, Тетово, 24. 07. 1937, 3; Истото, 15. 05. 1937, 4; Глас Полога, Тетово, бр. 226, 24. 07. 1937, 3.

[1674] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -15, 68/413.

[1675] Шар, Тетово, бр. 28, *Нашите млади артисти на позорница со Сомнително лице*, 10. 02. 1949, 4; Нова Македонија, Скопје, бр.1246, 08. 01. 1949, 2. Гимназиската театарска група во 1948 година ја извела претставата *Ревизор* од Гоголь.

[1676] Ристо Стефановски, Театарот во Македонија, од партизанскиот до младинско-детскиот, Скопје, 1998, 35.

[1677] Истото, 116.

[1678] Благоја Иванов, Современата драма и театар во Македонија, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес, книга 13, МАНУ, Скопје, 2004, 172; ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 608, Градски театар, Тетово, (1951 – 1959), кут. 2.

[1679] Ристо Стефановски, Кратката пролет на некои театри во внатрешноста на СРМ, Скопје, 1977/78, Современост, Скопје,8 бр. 9-10, 73.

[1680] Членови на тетовскиот театар биле: редовно вработени: Панта Николиќ Глумац - директор и режисер, Панче Васоски Камџик - актер (со завршен драмски курс), Ацо Цветкоски Ганстер - актер, Душан Магденоски Штица - (комичар) столар,Трпе Кочоски Џинле - актер и благајник, Милош Мојсоски Мосиќ - актер, Илија Антески Суцо - суфлер и актер, Панче Грнчароски - актер, сценограф и декоратер, Убавка Славујиќ - актер, Марица Трпеска Грнчарка - актер, Бранка Маркоска - актер, Ангелина Попоска - актер, Цвета Пандилоска - актерка; надворешни соработници: Фанија Томоска -

овој театар припремал и со успех изведувал, најмалку по 5 премиери и преку стотина претстави[1681]. Претставите, најмногу биле од домашни македонски и југословенски автори. За мошне кратко време од два месеци, Тетовскиот театар успеал да изведе две премиери и тоа *„Чорбаџи Теодос"* и *„Сомнително лице"*[1682]. Режијата на театарските претстави била на Панта Николиќ, но и на Ацо Цветковски, Панче Васоски, Душко Варналиев и др[1683].Претставите биле изведувани најмногу во кино салата на киното *19 Ноември*[1684], бројот на посетителите годишно изнесувал околу 40.000[1685]. Во рамките на овој театар работел и куклен театар[1686].Изработката на куклите била во самиот театар. Првите две претстави биле: *Вистинко и праветко* и *Шумска дружба*[1687].

По Војната, познати глумци од Тетово кои настапувале професионално во Скопскиот театар бил Јон Исаја, Мара Исаја, Томо Ќироски и Крум Стојанов Беломаче[1688] и др..

5.1.5 ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

Ликовната уметност во Тетово имала скромни размери во првата половина на 20. век, иако изгледот на Тетово како мотив бил присутен кај домашните и странски ликовни уметници.

Странски уметници кои го посетиле Тетово и направиле свои уметнички дела потекнувале од повеќе држави: Германија, Австрија, Франција, Романија, како и од просторите на Кралството Југославија. Во почетокот на триесеттите години, германскиот сликар и

актер, Диме Ристоски Црниот, Горица Васоска, Аница Аника, Бранка Пашаре, Владо Пашаре, Бранко Топорко, Бранка Топорко, Стеван Меца, Бранка Серафимоска Цфр, Ѓоко Бербер, Симо Серафимовски Скаут - електричар, актер, музичар, Јоше Арко - актер, музичар, Андро Баба - актер, музичар, Ацо Дрнц - актер, музичар, Томе Србиноски Сељфин, Душан Гуле - музичар, Андро Цвикер - музичар, Тодорка Емилјанова, Бранка Басекиќ Бранка Басекиќ, Микле Ценоски Туту, Благоја Костоски Овца - режисер, Миодраг Николиќ како дете актер и др. (Според белешките на Ристо Стефановски, домашна архива)

[1681] Ристо Стефановски, Кратката пролет на некои театри во внатрешноста на СРМ, Современост, Скопје, 1977/78, 73. Според истражувањата на Стефановски, бројот на претставите бил уште поголем: *Во текот на своето постоење овој Театар прикажа просечно по седум премиери и по 140 претстави.*

[1682] Така во првиот број на списанието Театар од 1952 година пишува: *Покрај веќе дадената премиера од пиесата „Инспекторот дојде" од Џон Б. Пристли, за оваа сезона се спремаат „Свет" од Б. Нушиќ, „Ивкова Слава" од Стеван Сремац, „Пократена тиква" од Стерија Поповиќ, „Севдахот на Расима" од Ахмед Мурадбеговиќ. Од минатата сезона ќе се прикажуваат и во оваа година пиесите „Коштана" од Бора Станковиќ, „Зона Замфирова" од Стеван Сремац, „Ужалена фамилија" од Бранислав Нушиќ и „Зулумќар" од Светозар Ќоровиќ*[1682]. Покрај наведените претстави на репертоарот на овој тетовски театар биле и претставите: *Бегалка; Антица; Печалбари; Сомнително лице; Фамилија Бло; Заеднички стан; Бог да ја прости тетка; Измама; Јазовец пред суд; Вообразен болен;Љубовно писмо; Мирандолина; Зона Замфирова; На свадбен пат без маж; Пат во злочин* и др.

[1683] Ристо Стефановски, Кратката пролет . . . цит дело, 73.

[1684] Боро Јосифовски, Два акутни проблема на Градскиот народен театар во Тетово, Нова Македонија, Скопје, 04. 01. 1951, 2.

[1685] Ристо Стефановски, Кратката пролет . . . цит дело, 73

[1686] Боро Јосифовски, Обновљено је позориште у Тетову, Политика, Београд, 28. 04. 1955, 11.

[1687] Ристо Стефановски, белешки од приватна архива: Изјава на Панче Грнчароски.

[1688] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 02. 2007.

графичар Хелмут Крамер го посетил Тетово, а потоа во 1933 година овој уметник на својата изложба во Берлин, изложил 30 свои дела со мотиви од Тетово[1689].

Меѓу оние кои создавале уметнички дела во Тетово е еден од најголемите македонски уметници на 20. век, Лазар Личеновски, кој некаде до 1921 година живеел и работел во овој град, а потоа мошне често се навраќал за да создава уметнички дела. Покрај сликите во масло, кои му биле специјалност и во кои овековечил некои мотиви од овој град, Личеноски, поради егзистенцијални потреби, изработувал и надгробни плочи по нарачка, кои по својот квалитет, се ретки уметнички дела[1690].

Во Тетово, повеќе години, ликовно творел и Јосип Бужан, со потекло од Трст кој работел и предавал ликовна уметност во тетовската гимназија, меѓу двете светски војни. Своите дела ги изложувал во Тетово, Скопје, во Хрватска и други места[1691].

За одбележување е и работата на ликовниот аматер Сава Теофиловски, училишен инспектор, кој работел во техника масло, а неговите мотиви најчесто ги црпел од Светото писмо, односно религиски мотиви, но се среќава и мртва природа и мотиви од Тетово и Далмација[1692].

Еден од последните зографи во Македонија, кој имал потекло од Тетово бил Јован Зафировски Лепур. Тој во периодот меѓу двете светски војни, прави обиди за современо реално сликарство, но поради скапите материјали и неможност да ги пласира своите дела се откажал од своето творештво. Најомилената негово дело, воедно и последно кое го нацртал во 1940 година бил ликот на Александар Македонски, како коњаник[1693].

Во мај 1937 година во Тетово своја ликовна изложба имал Никола Мартиновски, кој воедно одржал и предавање за својата работа[1694]. Своја изложба во градот имал и Методија Лепавцов - Лемето[1695].

[1689] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело 141.
[1690] Истото, 143.
[1691] Истото; Глас Пологa, Тетово, Г. Јосип Бужан – Суделовао је на изложби слика у Скопљу, 13. 11. 1937, 2; Глас Пологa, Тетово, бр. 106, Код сликара, 06. 04. 1935, 3; Истото, бр. 107, изложба слика и скулптура Јосипа Бужана у Тетову, 13. 04. 1935, 3; Истото, бр. 191, Уметничка изложба, 4; Истото, бр. 196, Изложба слика Јосипа Бужана, 26. 12. 1936, 4; Истото, Бужан Јосиф суделовао је на изложби слика у Скопљу, бр.242, 13. 11. 1937, 2.
[1692] Истото.
[1693] Боро Јосифовски, Нестао је и последњи зограф, Политика, Београд, 06. 01. 1967, 11.
[1694] Глас Пологa, Тетово, Скопски сликар Никола Мартиноски говори о себи и о свом раду, 15. 05. 1937, 4.
[1695] В. А. Изложба слика господина Лепавца у Тетову, Глас Пологa, Тетово, бр. 243, 27. 11. 1937.

5.1.6 КИНО

Киното во Тетово за првпат се појавува во 1919 година, кога проработела првата кинобавча во малото *Јаковчеа Чешма*. Нејзин сопственик бил Александар Парлиќ[1696].

Истата година, Кузман Најденовски формирал акционерско друштво кое набавило комплетна кино апаратура, така што Тетово станал четвртиот град во Македонија, каде што е отворено кино, после Битола, Скопје и Велес[1697]. Кузман Најденовски работел ортачки во киното со Јастро Тишлер. Бидејќи во тој период немало електрична струја, филмската трака се вртела со помош на педала[1698].

Следното кино е киното *Балкан* кое било отворено во 1932 година од Матеа Ристоски, наречено *тон - биоскоп*, затоа што филмовите имале и тон[1699]. На Мате, кој ја набавил кино опремата му се придружиле Јован Атанасовски со објектот на киното, а киноапаратери биле Живојин Тотиќ до 1936 а од таа година и Јован Божиноски - Јошко Ѓупе[1700].

Во 1935 година, било отворено киното *Лешковиќ* на семејството Лешкови, со најмодерна опрема во тоа време, што придонело за уште поголем интерес за киното и филмот во Тетово[1701]. Кино салата со својот капацитет, заедно со салата на Кино Вардар во Скопје била една од најголемите. Оваа кино сала располагала и со балкон и галерии. Како новитет на оваа кино сала за прв пат во Македонија е прикажан и првиот тродимензионален филм *Аудиоскопик*, кој после неколку дена на изведбата во Белград, филмот, во 1937 година го гледала и тетовската публика[1702]. Репертоарот на тетовските градски кина се состоел главно од американски играни филмови[1703].

Тетовските кина со прекини работеле и за време на Втората светска војна, а по неа по мал прекин повторно проработале, како приватни за да наскоро истите бидат национализирани и од нив е создадено заедничко претпријатие *Градски кина Тетово*.

[1696] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 133 – 135.
[1697] Истото, 135.
[1698] Драго Симовски, цит. извор, изјава 17.03. 2006.
[1699] Илинденка Петрушева, *Тетоо наше ка мау Париз,* Кинопис, Скопје, 2003, 25 -26.
[1700] Истото, 26 – 27.
[1701] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело, 135 – 137.
[1702] Глас Полога, Тетово, 27. 03. 1937, 4. Имено тој филм се гледал со посебни двобојни очила, кои се добивале на благајната за дополнителен еден динар. Со помош на таквите очила сликите добивале трета димензија – просторна и длабинска.
[1703] Глас Полога, Тетово, бр. 157, 4; бр. 159 и 160, 11. 18. 1936, 10; Истото, бр. 211, 10. 04. 1937, 4.

Во првите години, значително се сменил и репертоарот на филмовите и се повеќе преовладувале советските и југословенските филмови[1704]. Пред секое прикажување на филмот се емитувале вести, подготвени од *Филмске Новине* во Белград.

5.1.7 МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Тетово град со несомнена повеќевековна традиција и култура, конечно во 1950 година, го добива својот историски музеј, *Музеј на Тетовскиот крај*[1705], кој имал за задача да ги прибира сите материјални културни добра од тетовскиот крај. Во своите први десетина години, покрај собирање на музејски предмети, ја прибирал и архивската документација од Тетовско и Гостиварско се до отворањето на Архивот за општините Тетово и Гостивар во Тетово во 1961 година, со што оваа музејска установа одиграла значајна улога во овие сегменти.

Како нова форма за изразување во областа на културата меѓу најмладите деца, во социјалистичкиот период се појавува институцијата *Пионерски дом*, која во Тетово е формирана кон крајот на 1948 и почетокот на 1949 година[1706]. Во почетокот на работењето и покрај тешките услови за работа формирани се првите секции и тоа: мал оркестар, дилетантска група и фолклорна група. Во Домот била оформена и читална со литература за деца.

5.1.8 МУЗИЧКИ ЖИВОТ

Музичкиот живот на Тетово се карактеризира со богато народно играорно и пеачко наследство.

Тетовските игри се делеле на машки, женски и мешани. На машките и мешаните најчесто се употребувале како инструменти зурлата и тапанот а кај женските игри претежно дајрето или само пеењето.[1707] Во триесеттите години на 20. век, на свадбите веќе се пееле и свиреле и српски и француски модерни песни.

Најважната карактеристика на машкото играње е внесувањето и потенцирањето на одредени движења и чекори кои се изведуваат со зголемена тежина за да им се даде подлабока смисла и во секој детал во играта да се ужива во полна мерка, слично на *Тешкото*, кое истото име го носело и во Тетово. Тоа се гледало и во чекорењето, кое изгледало како опипување на земјата пред да се стапне на неа. За ваквиот тип на игри, академикот Скаловски се изјаснил уште во 1938 година, кога забележува дека: "Нашите ора - т.н. *„Тешкото", „Рамното",*

[1704] ШАР, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4; Истото, бр, 31, 08, 03. 1949, 4; Истото, бр. 28, 10. 02. 1949, 3; Истото, бр. 31, 03. 03. 1949, 4; Истото, бр. 32, 10. 03. 1949, 4; Истото, бр. 33, 31. 03. 1949, 4; Истото, бр. 39, 02. 06, 1949, 4; Истото, бр. 24, 13. 01. 1949, 4; Истото, бр.23, 06. 01. 1949, 4 и др.
[1705] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 243, Музеј на тетовски крај, - Тетово (1950 -), кут. 5.
[1706] Шар, Тетово, Од работата на пионерскиот дом *Братство – Единство* во Тетово, бр. 34, 07. 04. 1949, 4; ДАРМ, Одд. Тетово ф. Бр. 545 , Пионерски дом *Братство – Единство*, Тетово, 1949 – 2001, АК – 7.
[1707] Д. и Љ. Јанковиќ, Народне игре, Београд, 1938, 90 - 100.

„Чамчето" се откровенија на европските балетски стручњаци"[1708] . . . Покрај овој вид постоела и т.н. игра *„Лесното"* каде што движењата се побрзи и повесели. Во истиот осврт, во врска со ритамот на македонските мелодии, Скаловски вели дека полиритмиката во тогашната музика е нов елемент и продолжува: "А она што за денешниот музички свет е ново и модерно, на нашиот музикален народ тоа веќе одамна му е познато"[1709].

Тетовските женски народни игри се одликувале со необични форми и сложени ритмови кои во себе содржат возвишен женски занес. Имало повеќе видови на женски игри и тоа: првиот каде во еден низ со карактеристично движење на десната рака пред очите кои гледаат во земја. Сите прсти се споени, а дланката отворена и свретена во поле. Меѓу себе играчките не се држеле. Вакви игри биле: *„Гиздаво момиче", „Калеш Јана", „Ситно оро женско", „Магделино"* и др.Вториот тип биле кружните женски игри како што се: *„Стани попадио", „Тетовска калачојна", „Ej сл'нченце", „ Женско карши каршија"* и др.Третиот вид на игри се затворени ора: *„Ѓурѓана ми боуна легна", „Моминско оро", „Девојче бело", „Учи ме мајко карај ме"* и др.Постоеле и детски женски игри како што е играта на песната *„Куме сваќе"*, кои се играле во затворено оро.

Движењата на градските женски игри биле диктирани од патријахалниот начин на живеење, но во сето тоа постоеле мошне вдахновени движења на разни ритми со што игрите содржеле грациозност и креација.Мешовитите игри се изведувале само во семејните кругови, бидејќи физичките контакти, па макар и со раце, во турскиот период биле забранети и се третирале како неморални.

*Музичко - тематска креативност.*Тетово и неговите граѓани се едни од најопеаните во Македонија и на Балканот. Песната се слушала насекаде, во секоја куќа, на чардаците, по дуќаните, низ маалата во тесните улички и сокаци, во црквите на собирите, дење и ноќе. Тетовските песни се инспирирани и ги опејуваат поднебјето, градот, занаетите, трговијата, конкретните луѓе и конкретните настани поврзани со целокупниот живот. Многубројните стари тетовски народни песни отсликуваат многу детали од градското секојдневие: чувствата, љубовта, прељубата, забранетата љубов, занаетите, трговијата, печалбарството, маките, страдањата, непокорот, јунаштвата, националната борба, војната, лични судбини, обичаите, облеката, архитектурата, чаршијата, Тетово, Шар Планина, Балтепе, магиите, суеверијата, православната вера и т.н.

Музикалноста на тетовчаните, која имала свое пошироко јавно и стручно признавање, не била случајна. Пеењето било дел од секојдневието уште во 19. век. За тоа сведочи

[1708] Тодор Настић - Скаловић, О народној мелодији Повардарја, Глас Пологa, бр. 249 и 250, 01. и 08. 01. 1938 , 5.
[1709] Истото.

истражувањето на тетовчанецот Радивоје Богојевиќ. *Песната речиси секогаш се развејувала бидејќи децата секогаш потпевнувале, а од кај чардакот одвреме - навреме, обично преку празниците можеле да се слушнат звонливите гласови на машкиот свет. Сите пееле со големо задоволство. Токму песната беше излив на одушевувањето, незабележителниот разговор со душата. Младината во неа наоѓаше тивка сета и во исто време восхитување на онаа чувствителна душа, спокојство или излив на случајно растреперетото срце како на некоја „прекрасна слика"*[1710]

Жените исто така ги пееле песните, кои ги слушале од нивните мажи, дури и патриотските песни. И ако отпрвин било така, *кон крајот на втората половина на 19. век, песните се раѓале тука и меѓу нив и се однесуваа на нив. Така девојките би пееле една на друга:*

Кој ќе ми биде бек на Тетоо
Бек на Тетоо, Санда Петреа
Кој ќе ми биде сандак-емини
Сандак емини, Санда Павлеа
Кој ќе ми биде младо спаиче
Младо спаиче Лена Димчеичина[1711]

Во минатото, тетовските народни традиционални песни и игри различно се оценувале. Некои сметале дека *тетовчаните ги изгубиле своите народни ора и инструменти* под влијание на Турците и Албанците[1712], но етномузиколозите сметале дека иако влијанието постоело, сепак, Тетовчаните и нивното вродено чувство за убаво, успеале и од тоа да направат мали уметнички дела[1713].

Покрај горе споменатите, се пееле и многу други љубовни, комитски и печалбарски песни, на кои се играло а кои денес се познати на поширокатa македонска јавност. Сите тие бројни песни се однесуваат на личности и настани кои постоеле и се случиле во градот. Такви

[1710] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/498, Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима.
[1711] Истото.
[1712] А. Стоянов, Бѫлѣжки по пѣтуванието ми изѣ Тетовско, Новини, Константинополѣ, 1891, 1, 24.Така, во 1891 година бугаринот Андреја Стојанов, кој бил и бугарски учител во Тетово (1866 - 1894), вели дека "на свадбите играле како нивните сограѓани Арнаути и играњето се става под непријатниот тресок на циганските дајрињa". Оваа констатација, во поглед на користењето на инструментите, донекаде може да се прифати, со оглед дека т.н. женски игри биле пропратени со пеење на тетовските македонски песни и најчесто во такви прилики се употребувало само дајрето.
[1713] Д. и Љ. Јанковиќ, Народне игре . . ., цит. дело. Етномузиколозите од Белград, сестрите Јанковиќ, во триесеттите години на XX век, истражувајќи ги стручно и детално, сметаат дека: *Тетово и околината нудат и во кореографски и во музички поглед, и во песнопеен и во психолошки и етнографски поглед интересна граѓа и е документ за големата создавачка и исполнителна уметничка способност на тетовските играчи и играчки од редовите на Христијаните. Специфичноста на тетовските игри, според овие авторки, можат да се објаснат со "фактот што тие игри настанале и се вообличиле токму во таква атмосвера каква што владеела во тој крај за време на Турците. Меѓутоа, уметничкиот темпарамент на Тетовчаните и нивното вродено чувство за убаво, делимично создале од таквата хроника, мали уметнички ремек дела.*

песни се: *„Срце ме боли"* (за Трпана Анојчина и Симо Сарафот), *„Кажи Васке Евгова"* (Васка Евгова и Мијаил Младенов), *„Благуњо Дејче Пожаранче"* (Благуња Ѓоловска и Аце Абаџија), *„Ѓорушице црно око"* (Ленка Ѓорушица и Кочо Богојевиќ), *„Кажи Епсо Димушева"* (Епса Димушеа и Мато Кузманов Шетовче), *„Чукав, чукав мале"* (Славе Герасимовски Мачурче и една млада невеста), *„Изникнало рајското цвеќе"* (двајца вљубени Иљо Мачурче и Диме Кус Васов во една иста девојка Султана), *„Шеќерино, малој моме"* (двајца вљубени Иљо Мачурче и Миле Стеванов во Аџи Зора од Глигуроа)и,*„Бог да бие Аџи Зора"*(Иљо Мачурче Герасимовски и Аџи Зора од Глигура), *„Отвори ми бело Ленче Вратата"*(Ленче Мисова и Нофо Сунѓин),*„Боуно легна Ленче", „Џан Џигер Магдо", „Мори Анчо Милојчина", „Никнало, никнало жоутото цвеќе", „Цеу ноќ сум мамо мори не спало", „Сва ноќ ми биљбиљ поеше", „Девојче т'нко високо", „Многу ми га фаља бабо", „Голем мерак имамо", „Ој девојче девојче", „Огреала месечина", „Учи ме мајко карајме", „Бог да бие, убие Јоше Ќупче Бојанин"*, потоа многу љубовни песни кои не се пошироко познати, кои се запишани од познатиот тетовски песнопеец и собирач на народни песни Тихомир Крстовски - Голубар како што се:

Комитските песни меѓу кои најпознатата меѓунив *„Сардисале, сардисале Лешочкиот манастир"* и многу други[1714], кои настанувале во Тетово и Тетовско и оние кои настанувале во други краишта каде што тетовските комити учествувале како доброволци во борбите за ослободување на Македонија и кои ги донеле со нивното враќање во Тетово, имаат посебна судбина. Богатството од комитски и револуционерни песни кои се пееле и негувале во Тетово и тетовскиот крај укажуваат на силните традиции и силниот печат на овој период од македонската историја врежан меѓу Македонците од овој крај[1715]. Таков е примерот со семејството Петрови во кое двајцата браќа биле илинденци и песните ги пееле онака како ги пееле како комити[1716]. Еден откинат стих од заборавена тетовска комитска песна гласи:

Што ми е мило ем драго
Млада комитка да бидем;
Млада комитка да бидем,
По планините да шетам,
Пушка берданка да носам. . .[1717]

Таквите песни всушност биле забранувани да се пеат на јавни места се до ослободувањето на Македонија во 1944 година од страна на разните режими. Токму затоа овие песни почесто се пееле на повечеринките или на некои излети, подалеку од ушите на

[1714] Андро Апостолски, Јован Дамјаноски, Народни песни од Тетово, Иљо Антески Смок, Тетово, 1972; Владо Кочоски, Песни и судбини, Напредок, Тетово, 2006.
[1715] Томе Саздов, Комитско-револуционерните песни од Тетовско, IV научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби, Тетово - 1978, 95 - 102.
[1716] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06. 2006.
[1717] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/1617, Радивоје Богојевиќ, Тетовски дијалект.

тогашните власти[1718]. Карактеристичен е описот на пеењето на комитските песни во семејството на Јован Петровски Шише за време на Кралството Југославија и во времето на фашистичката окупација, тој на повечеринките не ги пуштал гостите додека не се испеат неколку комитски песни. На крајот барал да се испее *„Болен ми лежи Миле Поп Јорданов"*. Притоа на прозорците се ставале черги, за да се сочува дискрецијата[1719]. И во семејството на Симо Шикла се пеле комитски песни. *Имавмо песњарка со комитски песње, ама га криевмо од Србите. Татко ми викаше: Да поемо само до таван, да се нечуе надвор*[1720].

Неколкувековното заедничко живеење на граѓаните од различни конфесии во Тетово, неминовно предизвикувало и појави кога младите од различнио вери се заљубувале меѓу себе, што претставувало нешто крајно забрането и строго казнувано од конзервативната средина. Таквиот копнеж и љубов кои не признавале граници го среќаваме и во старите тетовски песни. Таква е песната *„Заљубено анамче"*. Еве ги неговите први строфи:

Ми се заљуби анамче
во едно младо каурче
Анамче вели говори:
Каурче младо јуначе,
Голем си мерак ја имам
Двајцата да се земемо
Сладок живот да живимо . . .[1721]

Од тој жанр е и песната *„Торбешко девојче"*[1722], во која непознатиот тетовски занаетчија или трговец е восхитен од убавината на една македонка со муслиманска вероисповед.

Сите овие песни го одразуваат градскиот живот на Тетово, односно неговиот најзастапен сталеж, занаетчиите и трговците. Тие песни се создавани од анонимни автори кои ги опејувале вистинските настани во градот, најчесто поврзани со жанрот на љубовта.

О Јелено Јеленчице

-Јелено, ле Јеленчице
Да ти капне рамна сн'га
Што ја толку престегнуваш!
-Ја, бре лудо, лудо младо
Што ми к'лнеш рамна сн'га
Ти го колни терзијата
Терзијата Никче Гогов
Тој што шие бели саи
Па ги толку притегнуе!
-Јелено, ле Јеленчице
Капнало ти бело лице
Што го толку обелуеш!
-Ја, бре лудо, лудо младо
Што ми колнеш бело лице
Ти ја колни телалката

[1718] Истото, 157 - 165.
[1719] Според сеќавањата на Николина Обадиќ, пензионерка од Тетово (1931 г.).
[1720] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.
[1721] Тихомир Крстовски - Томе, Пукна пушка горе Балтепе, Тетово, 1985, 55.
[1722] Истото, 44.

Што продава белилото!
Јелено, ле Јеленчице
Да ти капна црни веѓе!
Што ми колнеш црни веѓе
Ти отиди Бошков дуќан
Па ги колни Бошковците
Што продава пијавице
Таквија се мојве веѓе!
-Јелено, ле Јеленчице
Капнале ти црни очи!
-Де, бре лудо, лудо младо
Не ми колни црни очи
Дреноец е црно грозје
Таквија се мојве очи![1723]

Во оваа песна се пее за убавината на младата тетовчанка но и за вештите занаетчии и трговци од Тетово, како што биле: терзијата Никче Гогов и трговското семејство Бошковци, но опеано е и црното грозје на месноста Дреноец над Тетово.

Овој жанр е најзастапен во македонската старошградска песна која брзо се прилагодува на вкусот на пошироките слоеви, уште побрзо се пренесува, авторски е анонимна и една од нејзините важни карактеристики е нејзиниот реализам[1724]. *Забранетите љубови* на тетовските девојки Трпана Анојчина[1725], Епса Димушеа[1726], Ѓорушица[1727], Благуња Пожаранка[1728], Ленче[1729], Васка Евгова[1730] и други се како опиум за познатите и непознатите творци на овие песни и за слушателите и препејувачите на истите. Затоа овие песни брзо се прифаќале кај народот, особено меѓу младите. Нивните текстови се движат на маргините на моралните сваќања на тогашната конзервативна средина но со љубовни пораци и уметнички вредности кои ги надминуваат таквите норми и стануваат вонвременски. Текстовите на овие песни ни ја приближуваат социолошката, духовната и психолошката слика на животот на тогашните луѓе.

Градска
Откако сум млади беќар, настанал
по овја сокак уште не сум поминал,
овја сокак на каранфил мириши,
у сокакот една бафча широка
у бафчата бадем-дрво високо
под дрвото ибришимли сеџаде.
на сеџаде млада мома седеше,
на ѓерѓев си ситно везмо везеше[1731]

[1723] Истото, 40.
[1724] Ленка Татаровска, цит. дело, 76 - 77.
[1725] Владимир Кочоски, Песни и судбини, Напредок, Тетово, 2006, 19 – 32.
[1726] Душко Варналиев, Нова Македонија, Скопје, 01, 02 и 03. 05. 1956 , 12.
[1727] Владимир Кочоски, цит. дело, 9 - 17.
[1728] Душко Варналиев, Нова Македонија, Скопје, 04. 04. 1954, 11.
[1729] Истото, 01, 02, и 03. 05. 1956, 10.
[1730] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 - 1905, ДАРМ, Скопје, 2003, 32 -33; ДАРМ, ПО Тетово, Боро Јосифовски, Ф.553 (1932 -1981), кут. 5.
[1731] Тодоръ Геровъ, *При Шаръ*, София, 1934, 69.

Во 70-тите години на 19. век песната за Ѓорушица го опејува обидот на еден познат тетовчанец од тоа време да закаже преку една девојка забранета средба, меѓу него и оваа млада невеста:

Ѓорушице црно око
ај Ѓорушице црно око
промени се наќити се, ај,
промени се наќити се
Кој ќе прође Симбиљ Кочо,
ај, кој ќе прође Симбиљ Кочо
Ќе ти рече Добро вечер
ај, ќе ти рече добро вечер
Ти му речеи дојди вечер
ај, ти му речи дојди вечер
дури не сме вечерале
ај, дури не сме вечерале[1732]

Долговековната комуникација на тетовските сточари и трговци со најголемиот град во Македонија, Солун и солунскиот крај, нашле свое место во тетовските песни како што е популарната песна *„Огреала месечина од Солуна дурдо Тетоо"* или стихот од една песна која се пеела:

Што ми е мило мајко, мило и драго,
Сејмен дабидем Горно маало,
Горно маало горе бузаана,
Ја да го видим Белото море,
Белото море, бело променето, . . . [1733]

Или песната *„Јана болна легна"*:

Јана ми га грло боли
Не је грло како грло
Тук је грло лоша рана
Кој веруе не је туе
Он отишоу на далеку
На далеку у Солуна
У Солуна на печалба
Да израни дробни деца
Свите гладни, па и жедни
Јана болна, па ќе умре
Не је грло како грло
Тук је грло љута рана[1734]

Печалбарските теми во тетовските старограднски песни се мошне присутни и го одразуваат животот и судбината на многу тетовски семејства. Освен горе наведената песна, најпозната меѓу нив е споменатата песна *„Огреала месечина"*, во која се опејува средбата меѓу тетовскиот трговец и трите млади невести од селото Сетоле, чии мажи се гурбетчии[1735].

Со сите овие песни тетовчани, не само што овековечиле одредедени настани, туку тие во тој период се израз на спротивставувањето против слободата на изразувањето, специфичен начин на комуницирање и сето тоа содржело една рафинирана уметничка естетика.

[1732] Владимир Кочоски, цит. дело, 9- 17.
[1733] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, *Филозовски* . . . цит. фонд, АК - 42, 1/1618.
[1734] Тихомир Крстовски - Томе, Пукна пушка горе Балтепе, Тетово, 1985, 37.
[1735] Андро Апостолоски, Јован Дамјановски, Народни песни од Тетово, КУД Иљо Антески Смок, Тетово, 1972, 48 - 49.

Влијанието на турската култура се изразила и во песните кои Македонците од Тетово ги пееле. Турските песни со морална содржина, се пееле често, и тоа само од машките[1736]. Тоа доаѓало оттаму, што само машките имале контакт со надворешниот свет.

Народните македонски песни, во кој спаѓале и тетовските старограднски песни се еден од најкарактеристичните и најпрепознатливи етнолошки белези на Македонците по кои се издвојувале и во тоа време[1737].

Што се однесува до специфичниот такт на мелодиите, уште во дваесеттите и трисеттите години на 20. век, се правеле обиди за преработка на истите со што го губеле автентичниот белег на македонската мелодија. На ваквите непосакувани појави под насловот *Дотерувачи и уништувачи на народните мелодии,* реагирал и тетовскиот композитор и хорски диригент Тодор Скалоски кој остро ги критикувал таквите тенденции во весникот *Вардар* во 1933 година[1738].

Инструментите кои се користеле во почетокот на 20. век, во најголема мерка се користеле и во рамките на Османлиската империја. Дури и називите на инструментите биле од турско, персиско или арапско потекло како на пример: гајда (тур.), дајре (арап.), карадузен - тамбура со 4 жици (тур.), ќемане (перс.), канон (арап.), зурка (перс.), тамбура (перс.) и др[1739]. Впрочем на ова треба да го надодадеме и фактот што и терминот *чалгации* е од турско потекло, како и многуте турцизми кои на прекрасен начин го збогатуваат и разубавуваат текстот на македонските народни песни. Во Тетово, заедничкиот назив за сите жичани инструменти бил *џамбурика.*

Народниот просветител Кирил Пејчиновиќ, во својата книга *Утешение Грешним*, издадена во 1840 година, наведувајќи како христијанското население ги слави свадбите, меѓу

[1736] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, *Филозовски* . . . цит. фонд, АК - 42, 1/1618.

[1737] Маргарита Китан Ивановска, Денко Скаловски, Томе Манчев, Тодор Скаловски живот и дело, МАНУ, Скопје, 2003, 22. "*Ние Македонците, немаме пирамиди и свинги. Нашата родина не е украсена со палати и со величенствени паметници. Имаме нешто кое ниту вековите, ниту природните стихии, ниту демонската рака на поробувачот, не можеа да го срушат. Тоа е духот самобитен, борбениот дух на Македонецот и неограничената љубов на родната стреа. Таа нескршлива сила е излеана во единствениот паметник, народната песна, најбогатото и највредното наследство. Останата од нашиот живот и од културата на Македонецот, таа е зачувана и до ден денес. Да ја чуваме и да ја пееме нашата народна песна, зашто е сила и до кога што неа ќе ја зачуваме, ќе живее и моќниот дух на нејзиниот создавач, народот македонски.*" Така пишувал Јосиф Чешмециев, во своето дело Македонски песни, издадено од Сојузот на македонските културно просветни организации во август 1926 година во Софија.

[1738] Тодор А. Настић – Скаловић, *Дотеривачи и упропастиоци народних мелодија*, Вардар, Скопље, бр. 127, 10. 10. 1933, 7.

[1739] Оливера Јашар Настева, Местото на турцизмите во македонската народна песна и улогата на чалгациите и ашиците во нивното распространување, Турски елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија, МАНУ, Скопје, 1987, 26 - 32.

другото, критикувајќи го начинот, дека тие тоа го правеле со *ѓаволски песни, со свирки, со тупани, со кеменче, со мешница или гајда тамбура, со плјасане, хоро со урнебес*[1740].

Мешницата или гајда тамбура, инструмент кој го споменува Кирил Пејчиновиќ е всушност гајдата, која како таква се користела и во градот. Најчесто овој инструмент го носеле доселените Македонци во градот од селата во Полог и Шар Планина. Меѓу последните познати добри гајдации бил и Крсто Марковски Топал, кој свирел стари македонски песни од тетовскиот крај и некој си Коле, Исаја Гајдацијата, Јоше Ристов, и др. Нив ги повикувале по свадби и имендени [1741]. Ориенталните источни инструменти, полека се заменуваат со западноевропски инструменти. На пример, Ѓиго Белиќ свирел *армуника на колено уште од турско*[1742]. Армуника меѓу двете светски војни свирел Тоде Ваљајчар. Во 1913 година во Тетово е донесен и првиот клавир од страна на професорот по музика Лала Митановиќ. Тој бил првиот професор по музика во тетовската гимназија во 1913 год.

Во периодот меѓу двете светски војни се поголем е бројот на класични инструменти кои студентите, печалбарите и побогатите граѓани ги носеле од европските држави. Познатиот македонски академски сликар Лазар Личеноски во своите сеќавања за тој период на живеењето во Тетово меѓу другото ќе каже: *"Тетово, барем откако јас го паметам, никогаш не беше еднолична, монотона, здодевна, провинциска касаба. Секогаш постоеше, во овој град, специфичен културно-забавен живот. Непосредно по Првата светска војна, во Тетово имаше преку сто мандолини и неколку гитари*"[1743] Во истиот период, Вида Хаци Ристиќ, подоцна Петровиќ[1744] во својот дом свирела на едно од првите пијанина. Исто така и банкарот трговец Никола Момировиќ Банка во својот дом имал пијанино[1745] а Веселин Пандиловски[1746] имал клавичембало.

Во периодот меѓу двете Светски војни, овие старогратски песни во Тетово се свиреле со следните инструменти: мандолина, гитара, прим, виолина и бас. По Втората светска војна во Тетово како и во цела Македонија, "македонската градска песна ја придружува т.н. народен стилизиран оркестар од фабрички изработени инструменти, на пр.: хармоника, виолина, кларинет, флејта, гитара, контрабас и тапан, што секако е нов стил во нејзиното уметничко доискажување"[1747].

[1740] Кѷрі́лл іеромонА́х, (КирилПејчиновиќ), Оу҃тъшєнїє Гръшнымъ, Солун, 1840.
[1741] Драго Симовски Драгулинка . . . цит. извор, 07. 08. 2006.
[1742] Истото, изјава, 13. 12. 2000.
[1743] Зое Личеноска, Лазар Личеноски - Живот и дело (1901 - 1964), Македонска книга, Скопје, 1986, 8.
[1744] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело,131.
[1745] Драго Симоски . . .цит. извор, 10. 12. 2000 г.
[1746] Пандиловска Милица, (1929 -), пензионерка од Тетово, ќерка на Веселин Пандиловски.
[1747] Ленка Татаровска, цит. дело, 88 - 89.

Пред појавата на организирани музички групи свириле поединци кои биле надарени за тоа а кои не биле организирани во посебни групи т.н. *музички дружини*. Ваквите дружини. имале и една хумана цел и како по некое непишано правило си поставиле за себе задача да свират бесплатно на свадбите на сиромашните девојки. Нивните членови се труделе да на тие свадби создадат убава атмосвера и материјално да ја помогнат невестата. Од гостите собирале бакшиши како професионални музичари, но сиот бакшиш го давале на невестата. Бидејќи нивната музика била примамлива на свадбата доаѓале повеќе гости од поканетите[1748]. Но она по што овие музички групи и поединци се значајни е тоа што дале голем придонес во зачувувањето на народните песни од заборавот. На ваквите свадби се пееле и се играле традиционални македонски игри од северозападниот дел на Македонија како и типично тетовски игри.

Појавата на организираните инструментални групи во Тетово, кои себеси се нарекувале како музички друштва, може да се датира кон крајот на 19. век. Ваквите друштва најчесто се поврзани со работењето со некои школувани личности кои поминале барем некаква музичка обука. Сепак овие талентирани млади музичари најчесто свириле без ноти. Сосема е природно што се јавила идејата за образување на некој вид оркестри. Се свирело со комбинација на традиционални, ориентални и европски инструменти но и на импровизирани инструменти. Меѓу инструментите што се користеле, покрај споменатите дајре, тапан и зурла се користело и ќемането или виолината, мандолината, примот и т.н.

Интересен е фактот што во Тетово никогаш не се развиле вистински чалгациски музички групи, па тетовчаните за свадба најчесто повикувале чалгации од Велес, но и други места[1749].

Во збиените куќи на горните тетовски маала каде што живееле Македонците, луѓето се собирале преку неделите и празниците и тука се забавувале со свирка и веселба. Ваквите средби тетовчаните ги нарекувале *повечеринќе*.

[1748] Стојан Зафировиќ, Певачка и музичка друштва, Споменица . . . цит. дело, 1014 - 1015.

[1749] Никола Ставриќ, Чалгације - најбољи интерпетатори наших песама, Јужна Србија, Скопље, ускршњи број, 1939, 18. Никола Ставриќ во триесеттите години на 20. век за чалгиските состави вели дека се највпечатливите интерпретатори на музичкото богатство кое потекнува од овие простори. Во неговиот опис на овие чалгации се вели дека тоа е група на луѓе на кои свирењето им е професија. Во слободното време се занимаваат и со други позиви. Тие по природа се музикални. Ги учат песните по слух. Се случува почесто таа професија да стане и наследна. Свират на свадби, повечеринки, а во последно време и по кафеаните. Нивниот оркестар се состоел од следните инструменти: едно или две ќеманиња (виолини), гарнета (кларинет), ута (голема тамбура), чиешто потекло е од Персија, дајре (дефа) и канон (нешто слично на цитра). Тие свириле без ноти. Свириле се што ќе им дојде до рака, но најмногу народни мотиви од својата средина. Нивниот примаш воедно е и добар пеач. Според него чалгациите се нашите најдобри собирачи, чувари и пропагатори на нашата народна песна.

Нешто подоцна, односно во почетокот на 20. век се појавуваат и првите пеачки групи. Нив ги формираат студенти или средношколци кои биле упатени во хорското пеење односно биле музички образовани.

Драгољуб Симоски (Драго) Драгулинка, столар од Тетово (1920 - 2010), извонреден познавач на музичките прилики, со исклучителна меморија, долгогодишен хорски пеач (преку 70 години) и член на музички оркестри, ни дава драгоцени податоци за музичкиот живот во градот во 20. век и особено во првите две децении, а за кои постојат скромни пишани извори.Благодарејќи на големиот интерес на Драго Симоски за некогашниот живот во Тетово и ние дознаваме за имињата и инструментите од првите организирани музички оркестри. Имено, меѓу 1902 и 1905 година формиран е оркестарот на Ѓоце Ќељгавров кој свирел на мандолина. Во неговиот музички состав свириле и Саво Ацисимов дограмацијата на дајре, Младен Бојациев на тапан направен од лимена канта од сирење и човекот со прекар Сампиљ (на чие име и презиме не можеше да се сети) на ќемане. Овој по малку импровизиран оркестар свирел и пеел старогратски песни и најчесто ги изведувал на *повечеринќе* и свадби, бесплатно. Овие податоци, Драго ги добил лично од основачот Ѓоце Ќељгавров и неговиот татко Саво Ацисимов.

Дали овој оркестар имал свое име не е познато, но во изворите се среќава името на едно музичко друштво ***Славеј***формирано во 1902 год[1750].

Во 1909 година формирано е музичкото друштво *Напредок*[1751], за кое бил изработен и устав и печат. Претседател на ова друштво бил Г. Иванов (според Драго од семејството Гаповци), а секретар Илија Симов - Бизмарк.Постоел и некој оркестар на Крсто Тисески, качар кој бил водач на оркестарот и свирел на армуника, Димче Биљбиљ, кројач, свирел на гитара и Урош на тарабука.

Затоа пак некаде во 1914/15 година, во рамките на гимназијата е формиран *гудачки оркестар* од 20 ученици. Од инструментите застапени се повеќе виолини, виолата, виолончело, контрабас, пиколо, кларинет, флејти и тапан. Диригент бил професорот по музика во гимназијата (најверојатно професорот Китиќ) а од оние кои свириле во оркестарот познати се Анание Поповски на виолина Петре Кочовски Бучко на виолина и Чедо Серафимовски на пиколо.[1752]Етномузикологот Боривоје Џимревски[1753], смета дека според бројноста на учениците

[1750] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . ., цит. дело, 121.
[1751] Тетово и тетовско низ . . . цит. дело, 329.
[1752] Информатор, Александар Серафимовски, пензионер од Тетово, (1927 – 2007), внук од брат на Чедо Серафимовски каде што се наоѓа оргиналната фотографија на овој гудачки оркестар, како и пиколото на кое Чедо свирел.; Боро Јосифовски, Портрет - Ананије Поповски, Политика, 08. 10. 1961, 19.
[1753] Боривоје Џимревски, Градска инструментална музичка традиција во Македонија 1900 - 1941, Институт за фолклор *Марко Цепенков*, Скопје, 2005, 353.

и разновидноста на музичките инструменти, може да кажеме дека Тетовскиот гимназиски оркестар е зародиш на првиот аматерски симфониски оркестар во Македонија.

По завршетокот на Првата светска војна, Вардарскиот дел на Македонија се најде во рамките на Кралството СХС, подоцна Југославија. И понатаму слободното национално изразување на Македонците било забрането. Сепак, ослободувањето од османлискиот систем, овозможи повеќе активности на културен план. На полето на музичкиот живот, носители на организираните друштва биле режимските институции и блиските на нив луѓе. Низ ваквите форми, режимот очекувал дека ќе се продлабочи српското национално чувство кај македонското население. Тоа особено важело за хоровите. Сепак, со текот на времето, во нив се зачленувале се поголем број членови од напредното движење и овие пеачки друштва, на извесен начин го губеле првобитното значење.

Освен државните (училиштата и соколаната) и особено црковните институции, носители на музичкиот живот биле и синдикалното движење, како и голем број на приватни иницијатори, особено на вокално-инструменталните состави каде независно од власта ги следеле музичките трендови на своето време во Европа но ги негувле и автентичните македонски музички традиции.

Традицијата во Тетово, да речиси во секое семејство има по некој член што знае да свири на некој инструмент е резултат на духот на луѓеторедовните семејнизабави т.н. *повечеринќе* не било само потреба во семјствата, туку и престиж.Мошне често во овој период, се среќаваат семејства со повеќе членови коизнаеле да свират по некој инструмент како виолина, мандолина или прим,во вечерните часови се слушала музика и песна од чардаците и одаите[1754]. Сепак најчесто на овие домашни средби се употребувало дајрето[1755].,

Поради големиот интерес за едукација на децата, во Тетово со успех егзистирале ***приватни музички училишта.*** Некои од нив работеле безплатно како она на *Гиче Берберот*, но некои тоа го работеле професионално како на пример училиштата на *Никола Новаковиќ*, *Спиро Гребенароски* и *Симеун Штејн*[1756]. Берберот *Панче Димитриевски* имал своја мала *школа за мандолина и гитара.* За неа дознаваме од фотографијата која била сопственост на Михајло Павловски Бутика кој на нејзината позадина запишал: "*За спомен кога учев да свирам на гитара кај Панчета Бербер, Тетово, 10. 10. 1925 година,сопственост на Михајло Павловиќ Шнајдер*"

[1754] Славјанка Покорни (1914 - 1996), повеќегодишен член на хорот *Бинички,*изјава 12. 08. 1994;Дара Петрушевска, (1916 - 1999 г.) пензионерка од Тетово, изјава - 10. 12. 1997.
[1755] Андро Апостоловски (1921 - 2011), пензионер од Тетово, 07. 12. 1997.
[1756] Информатор, Србољуб Богојевиќ, (1927 г.), пензионер од Белград, изјава - 12. 03.2000.

Освен по домовите, инструменти се чувале и во занаетчиските дуќани и особено во берберниците каде што било традиција при отворањето и затворањето на дуќаните, калфите и чираците со своите мајстори да свират и пеат. Според Драго Симоски оваа традиција е превземена од французите. Од таму меѓу берберите ќе се појават вистински мајстори на инструменталната музика. Така тетовецот Сане Брадина кој имал берберница кај денешна *Стара пошта*, и тука свириле Спиро Топорко и Панче Димитриевски Берберот[1757]

Во периодот меѓу двете светски војни во Тетово се развива богат музички живот и тој се одвива генерално во два правци и тоа хорско пеење и инструментални состави, а двата вида состави негувале, народна староградска музика, класична и црковна музика како и во триесеттите години модерната музика која доаѓала од западните земји.

Кон крајот на 1918 и почетокот на 1919 година тетовските војници од Солунскиот фронт и оние кои биле избегани или студирале во Европа, се вратиле во градот. Новостекнатите искуства и знаења им даваат можност за формирање на мал оркестар во *Францускиот клуб* во Тетово. Во клубот и оркестарот членувале и деца на учители кои биле емигранти од Тетово во Солун. Меѓу членовите биле и познатите музички дејци Ананаије Поповски, Крсто Данчески, Жика Стојановиќ, Диоген синот на Симо Сичан и други[1758].

Меѓу првите инструментални состави по првата светска војна бил тамбурашкиот оркестар ***Слога*** кој го сочинувале во разни периоди Михајло Симоски (Миаиљ Бац), Михаиљ Ветер Ганија, Диме Симовски Бац, Панче Димитриески Берберот, Спиро Топорко и калфата Сане Трска, Вељо Берберот, Симо Скаут, Мисовски Спиро Москов, кој единствен во градот свирел на контрабас (тамбурашки)[1759]. Претседател на друштвото бил Сане Танто. Ова друштво свирело на верски и државни празници во Раденичкото школо, кафеаната *Последњи грош* и тоа во бавчата во летниот период, но и на свадби и други свечености во периодот од 1924 до 1932 година[1760]. Добри инструменталисти на жичени инструменти биле и Драган Пандиловски кој свирел на прим и Јошко Дивадејка на гитара[1761].

Околу 1915 година, по иницијатива на студентот по медицина во Виена, Крсто Данчески е формиран *мандолински оркестар на Ѓиче Бојаџиев* Берберот, но вистинската дејност овој оркестар ја имал после војната. Шефот на овој оркестар Ѓиче Берберот (1896 - 1970)[1762] бил исклучителен инструменталист и свирел на гитара и мандолина. Ѓиче е можеби прв музичар во Тетово кој го плаќал своето музичко образование. Имено, во Тетово од Скопје

[1757] Андро Апостоловски . . . цит извор.
[1758] Драго Симовски . . . цит. извор, 21. 05. 2007.
[1759] Истото.
[1760] Истото, 04. 06. 2007.
[1761] Истото, 18. 10. 2007.
[1762] Анче Герасимовска (1935 -), професор по клавир од Тетово, ќерка на Ѓиче Бојаџиев.

доаѓал Васил Ѓаконовски[1763], по занает чевлар, со "специјални ноти" за мандолина и прим му држел часови за усовршување на Ѓиче. Драго Симоски, се сеќава дека луѓето во градот се чуделе *како е можно некој да дава пари за да стане чалгаџија.* Подоцна и Ѓиче држел бесплатни часови по нотно пеење на младите тетовчани во првото тетовското основно училиште, како и во гимназијата каде го формирал споменатиот мандолински оркестар, кој, според истакнатиот тетовски музички работник Спиро Гребенаровски Грепче се вклучил во 1924 година на хорот *Бинички* за негови интерни потреби, односно игранки, забави и прослави [1764] . Меѓу неговите ученици е и академикот Тодор Скаловски кој во "конзерваториумот на Ѓиче" учел да свири на мандолина по ноти и солфеж[1765]. Скаловски уште во 1939 година јавно му се заблагодарува на Гиче за се што сторил во музичкиот развој во градот преку весникот *Глас Пологa*[1766]. Овој период на Тодор Скаловски во Тетово е судбоносен за понатамошната негова кариера, иако неговиот татко секогаш го одвраќал од тоа со зборовите: " Синко, ќемане куќа не рани![1767]"

Другиот состав на оркестарот всушност бил квартет во состав: Ѓиче Бојациев - гитара, Панче Димитриески Берберот - мандолина, Крсто Данчески - виолина и Анание Поповски Туфек - виолина[1768]. Во 1924 година, член на оркестарот ќе биде и Тодор Скаловски кој во него ќе свири една година до неговото преселување во Скопје во 1925 год. Според Тодор Скаловски, овој квартет на Ѓиче е еден од првите ако не и прв оркестар во Македонија кој интерпретирал класична музика. Овој камерен оркестар, во тетовските кина, со одредена музика ги подржувал немите филмови. Најпрвин, пред да биде филмот пуштен за гледање, филмот внимателно го анализирале Ѓиче и Тодор Скаловски, кои за одредениот филм создавале соодветна музика, а потоа истата ја изведувале при прикажувањето на филмовите.

Во овој период како добри *виолинисти аматери* се истакнувале Крсто Данчески, студент по медицина во Виена, попот од Русија Константин Глаткиј кај кого учеле повеќе тетовчани како Михаил Бац, Диме Аџо, Спиро Гребенароски Грепче, Томе Бељур, Дамаскин Груевски Сичан (кој студирал во Франција и таму научил да свири на овој инструмент) исто така учел други како што е Михаил Ветер. Свои приватни школи во Тетово држеле и Спиро Гребенароски, Никола Новаковиќ, Семјон Штејн и Томе Бељур. Последниот заедно со Виктор

[1763] Татко на познатиот композитор и аранжер Драган Ѓаконовски Шпато.
[1764] Боривоје Цимревски, цит. дело . . . 354.
[1765] Јован Павловски, Бев со нив, Полог, Тетово, 1979, 75 - 84; Маргарита Китан Ивановска, Денко Скаловски, Тома Манчев, *Тодор Скаловски*, МАНУ, Фондација Трифун Костовски, Скопје, 2003, 27-28.
[1766] Тодор Настић - Скаловић, Глас Полога, Поводом концерта певачког друштва *Кирил Пејчиновић,* 14.01.1939, 3.
[1767] Тина Иванова, Од фолклорот не треба и не смее да се бега, (интервју со академик Тодор Скаловски), Утрински Весник, 11-12 мај 2002, 17.
[1768] Драго Симоски . . . цит. 25.07.2007.

Трпчески отвориле школа за танц во Гостивар во триесеттите години, каде што во истото време и ги свириле истите со виолина и гитара[1769].

До крајот на Првата светска војна во Тетово, па и во цела Македонија не постоела некоја голема традиција за дувачки инструменти. Првото посериозно запознавање на овие инструменти го имаат војниците за време на Балканските и Првата светска војна[1770]. Како неавтентични инструменти и оркестри во Македонија, тие претежно се негуваат од луѓето назначени на служба во Тетово дојдени од другите краишта на Кралството СХС и во рамките на државните институции или друштва силно подржувани од режимот.

Иако Соколското друштво од Тетово е основано во 1910 година, сепак, истото својот прв *Блех оркестар* го формира по Првата светска војна во 1923 година, некаде во периодот кога соколското друштво како седиште го добива просторот на кафеаната *Локанта*, кадешто вежбале соколите. Овој оркестар, кој тетовчаните го нарекувале *плех оркестар*, функционирал до 1928 год. Капелник бил Семјон Штејн, руски емигрант и професор по музика во тетовската гимназија, прва труба свириле Кузе Менушин и Ќирко Стамбоулија, на кларинет Пано Кара, на S - труба Пано Ќибар, на тромбон Андро Шуше, на контрабас Ѓоце Јарка, како тапанар Пано Тренте, на чинели (тур. саани) Стојан Личко, како тобошар (тур. трмпете) Лазо Стамбоулија[1771] Во 1933 година повторно се формира соколската фанфара под диригентство на Семјон Штејн но за кратко. На негово место доаѓа некој капелник од Панчево а потоа Алојз Хнида од Чехословачка[1772]. Во вториот состав на тетовскиот блех оркестар свириле: Андре Бабица на S - кларинет, Страќил Џандарот на B - кларинет, Благоја Бојациески на B - кларинет, Лазо Ристоски Казак на прва труба, Дракче Јосифоски Зубарот на прва труба, Тома Пинsур на бас фригорна, Круме Грнчароски на S - труба и Ќирко Дл'ѓиот[1773]. Од тој период редовно на секоја парада или манифестација, Соколското друштво настапува со својот Блех-оркестар до почетокот на Втората светска војна. Градското поглаварство од 1938 година донело одлука на капелникот да му се исплатува месечна награда од 1000 динари. Во јануари истата година, по распишаниот конкурс на Градското поглаварство избран е нов капелник на *плех оркестарот* по име Блажековиќ Едуард од Суботица[1774].

Во декември 1944 год., била извршена воена мобилизација на младинците во градот од страна на тогашната југословенска армија, меѓу кои биле мобилизирани и членовите на тетовската блех музика и други инструменталисти од градот. Од овие музичари формиран е

[1769] Истото.
[1770] Боривоје Џимревски, цит. дело . . . 14.
[1771] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006.
[1772] Истото; Боро Јосифовиќ, Соколско друштво у Тетову, весник *Вардар*, Скопје, 04. 04. 1933, 4.
[1773] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006.
[1774] Глас Полога, Редовна годишња скупштина Соколског друштва у Тетову, Тетово, бр. 253, 29. 01. 1938, 4.

блех оркестар на 42 Македонска ударна дивизија во кој имало 25 луѓе од Тетово. Капелмајстор на овој оркестар бил Алојз Хнида а потоа и Андро Бабица[1775].

Од овој состав, постоел и оркестар кој настапувал на забави и прослави и тоа: Андро Апостоловски Цвикер на виолина, Јоше Арко на виолина, Андро Бабица на армуника, Драго Симовски на гитара и клавириста - акордиста и Фрањо Хнида на тапани[1776].

Во Тетово егзистирале и *мали музички групи, тајфи.* Една од нив била на Јане Ѓорѓески со синовите Душан и Трпе. Подоцна на овој состав им се приклучил и Нофко Кумановецот кој се преселил во Тетово и тука се оженил. Оваа група свирела на свадби, семејни веселби, слави, еснавски слави, и на верските празници на тетовското кале и Лешочкиот манастир. Шефот на "бандата", како што ги нарекувале тогаш ваквите состави, Јане Ѓорѓевски свирел на кларинет, Трпе на труба а Душан на контрабас. Кумановецот Нофко свирел на повеќе дувачки инструменти[1777].

Втора таква група која свирела во Тетово во дваесеттите години била составена од неколку музиканти, православни Роми, кои свиреле по кафеани во Тетово и Гостивар. Свирачите на оваа група во Тетово дошла од Трстеник и Крушевац, Србија во 1922 година и тука останале да живеат и работаат. Освен во тетовските кафеани свиреле и во кафеаната *Шар Планина* во Гостивар. Членови на таа ***музичка група од Трстеник*** биле Драгутин Савиќ од Трстеник, Жика Петровиќ од Крушевац, Спира Петровиќ од Крушевац, Јован Ѓорѓевиќ од Крушевац и пеачката Ружа Н.[1778]

Тетовската гимназија, каде претходно имало и *гимназиски музички оркестар* во кој во една од првите генерации бил и Тодор Скаловски[1779], функционирал се до почетокот на Втората светска војна. Во дваесеттите годни кога оркестарот го водел Скаловски само на 13 годишна возраст, оркестарот броел 12 членови, и според неговите сеќавања во него имало виолинисти, мандолинисти и гитаристи[1780]. Во триесеттите години кога со оркестарот раководел Семјон Штејн ги имало следните инструменти и инструменталисти: на контрабас

[1775] Драго Симовски . . .цит извор, 10. 04. 2006. Во првиот ред биле: Андро Бабица на кларинет, Страќил на кларинет или саксафон, Перо Бошкоски на кларинет- В и Богдан од Скопје на пиколо. Во вториот ред биле: Јоше Илиески Арко на пистон, Живко Ацески на басфригорна, Младен Илиески Тиквар на енфониум и Лазо Ристоски Казак на труба. Во третиот ред свиреле: Круме Грнчароски Грнчар на S-труба, Андро Апостоловски Цвикер на S-труба, Драго Симоски Драгулинка на тромбон и Панче Васоски Камцик на тромбон машински. Во четвртиот ред свиреле: Илија Кускус на S-труба, Илија Цветаноски Сребрендирек на контрабас, Тодор Стефаноски Черенко на контрабас и Тихо Цинлески Цинле на чинели. Во петтиот ред: Живко Серафимовски Шупец на чинели, Драго Јовановски Белич на тапан, Боро Димитриески Оца и Перо Ристоски Лола на тобош. Во последниот ред биле Фрањо Хнида на бас-фригорна и Мирко Хнида на труба-фригорна. Драго Симовски Драгулинка ги одржувал инструментите.
[1776] Истото.
[1777] Истото.
[1778] ДАРМ, Скопје, Црковен суд Скопје, АК. 256, Фасц. 6., 1935.
[1779] Маргарита Китан . . .Тодор Скаловски . . .цит.дело, 27.
[1780] Јован Павловски, Бев со нив, Полог, Тетово, 1979, 73 - 84.

Бошко Данчески, на прва виолина Драган Поповиќ и Душко Поповиќ, на втора виолина Никола Штејн и Ѓорѓе Басекиќ како вокалист и квалитетен лирски тенор[1781]. Во гимназијата имало и клавир кој се употребувал во наставата и приредуваните концерти на тетовските гимназијалци. По повод јубилеот на Јосип Јурај Штросмаер во 1937 година, Гимназискиот оркестар имал свој концерт, после кој свој настап имал и наставничкиот квартет од гимназиските професори: А. Цувај, М. Главички, Ц. Аврамовски и Ж. Славниќ[1782].Расипаните инструменти во градот најчесто ги поправале столарите Саво Симовски со неговит син Драго[1783].

Првите кина во Тетово се без тон, но и филмовите кои се прикажувале биле неми и со жива музичка придружба. Првото кино се наоѓало во маалото *Јаковчеа чешма* во бавчата на Александар Парлиќ. Првите газди на киното биле Кузман Најденовски, графичар и Јастро Момировски столар. Киното заедно со филмските ленти добивало и партитури со ноти за *филмска музика*, според кои музичарот ги прател немите филмови. Иако најчеста музичка подлога на филмот било пијанината, во Тетово биле, покрај квартетот на Ѓиче Бојациев и виолината на Анание Поповски Туфек[1784].

Истата кино опрема по некоја година е пренесена во кафеаната *Бар*, која во втората половина на дваесеттите години се викала *Бар Биоскоп,* која се наоѓала на масларски пазар во сопственост на тетовското теќе *Арабати баба* а го управувал некој си Сретко. И таму Анание свирел со својата виолина следејќи ги немите филмови. Освен тоа, овој *Бар Биоскоп* имал бина на која тетовски музички изведувачи, но и изведувачи од други места приредувале игранки. Пред појавата на овој објект, забавите се одржувале во *Безистен*, каде што подоцна е отворен хотелот *Београд* (денес, кај трговскиот центар). Во *Бар Биоскоп*, забавите се одржувале се до отворањето на хотелот *Јадран* односно во денешниот хотел *Македонија.*Според условите за изведување на музички и други претстави, салата во хотелот *Јадран* била, една од најубавите во Македонија со оглед на нејзиниот голем простор за публиката и постоењето на големата бина.

[1781] Глас Полога, Тетово, Г. Ѓорѓе Басекиќ, као солиста Ј. К. П. Д. *Обилиќ*, бр. 216, 15. 05. 1937, 3; Драго Симовски . . . цит. извор, 26. 07. 2010.

[1782] Истото, Прослава бискупа Штросмаера, 06. 02. 1937, 2.

[1783] Драго Симовски . . . цит. извор.Најчесто тоа биле ситни интервенции а кај виолините најчесто се оштетувала кобилицата и како што тетовчаните го нарекувале - *дирече*, кое според него било "голем марифет". Од другите инструменти најмногу ги поправале дрвените делови на мандолините и гитарите. За поправката Драго не наплаќал. Тоа го правел од љубов кон музиката и затоа што и самиот бил музичар. Освен тоа, мајстор Саво бил познат и по изработката на најквалитетни дајриња, кое во ова семејство имала долга традиција. За квалитетен звук на дајриња се употребувала јаречка кожа. Дури и првиот џез во Тетово го изработил Драго Симоски. Прво неговиот обрач во неговиот столарски дуќан а потоа кожата за мембраната ја набавил во кожарата од Џировци а пружината ја извадил од велосипед.Овој инструмент ќе го користи повеќе години, а после Втората светска војна долго го користело КУД *Иљо Антески Смок* и други вокално инструментални состави.

[1784] Истото.

Извесен период, во Тетово егзистирал и еден ***виолински оркестар*** со Михаил Бац, Диме Аџо, Јове и други. Овој оркестар вежбал и настапувал во салата на Раденичката школа (денес Музичкото училиште)[1785]. Во ова училиште се изведувале и дневни забави за младите т.н. *Матинеа*, на нив свирел *оркестарот на Томе Бељур*[1786]. Во него покрај Бељур на виолина свириле и Микаиљ Ганија, кројач, на виолина, Панче Димитриевски Берберот на мандолина и Јове на контрабас. Овој мал оркестар свирел модерни танци и народни песни. Матинеата траеле од 14 до 18 часот во недела, во Раденичкото училиште..

Во Тетово имало и еден женски ученички *мандолински оркестар* заедно а подоцна хор[1787], на чело со диригентот Никола Новаковиќ. Тие вежбале во просториите на Раденичката школа, а во *Глас Пологa,* во февруари 1939 год. забележен е еден нивни концерт во организација на Женското друштво од Тетово[1788].

Музичкиот живот во Тетово преку летата бил збогатен и со изведување на соареа од страна на тетовските студенти и музичари. Во хотелите во градот се свириле англиски танци (слофокс, фокстрот, ламбертфокс и др.), валцер, танго, румба и сл., ги изведувал Џез оркестарот, кој тогаш во Тетово се нарекувал *Џаз оркестар* во кој свириле познати имиња од тогашниот музички живот во градот како што се Тодор Скаловски Скала, Спиро Гребенаровски Грепче, Миаиљ Бац, Боро Галески и др[1789]. Нешто подоцна формиран е *џез оркестарот на Спиро Грепче* и тоа: Спиро Грепче - капелмајстор и прва виолина, Ѓорѓе Басекиќ - втора виолина и извонреден солист, Младен Стојановски Фриц - бенџо, прим и гитара, Благојче кондурација - тромбон машински, Никола Јовановски - тромбон, Никола Николовски Коларот - гитара, Ќирко Камбер - гитара и Стојан Менушин - тапанар[1790]. Младен Фриц, братот на Стојан Бомбај како студент во Белград ги набавувал нотите на најновите шлагери и веднаш овој оркестар ги вежбал и изведувал во Тетово[1791].

Во составот на хорот *Бинички* во 1939 година формиран е Џез оркестар[1792] во кој членувале Драго Симоски Драгулинка - тапанар, Андро Апостоловски Цвикер - гитара, Јоше Илиевски Арко - гитара, Борис Жеро - контрабас и виолина, Симо Серафимовски Скаут - армоника, Слободан Ѓорѓевиќ - виолина, Диме Јосифоски Аџо - втора виолина и Никола Новаковиќ Капелмајстор и прва виолина. Овој оркестар го викале и *Оркестарот на Никола*

[1785] Истото.
[1786] Истото, изјава , 24. 08. 2006. Некои Тетовчани своето искуство го пренеле на Гостиварчани. Томе Бељур и Виктор Трпковски, во Гостивар отворил училиште за танцеви. Ги учеле на чекорите а тие двајца свириле виолина и гитара мошне вешто и не употребувале грамофон. На таков начин ги увежбувале курсистите.
[1787] Славјанка Покорни . . . цит. извор.
[1788] Глас Полога, цит. извор, 11.02.1939, 2
[1789] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . .129.
[1790] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006; 26. 10. 2007.
[1791] Истото, 10. 12. 2007.
[1792] Исто.

Новаковиќ, а егзистирал се до војната во 1941 година. Оркестарот свирел народна изворна музика и современите за тоа време танци. По 1941 година овој оркестар сосема не изгаснал. Во редуциран состав и без диригентот Новаковиќ кој за време на војната е стрелан од бугарските фашисти во Владичин Хан[1793]. Но во овој период оркестарот свирел само на свадби и во некои полујавни објекти по куќи и подруми[1794].

Интересно за Тетово е тоа што во периодот меѓу двете светски војни на свадбите не свиреле чалгациски групи[1795] од Тетово затоа што едноставно во таков состав ги немало. Побогатите семејства повикувале познати чалгии од Велес или Скопје. Сиромашните граѓани пак свадбите ги правеле со "каба зурлите" (големи зурли) и тапани, кои биле карактеристични за Тетовскиот крај[1796].

Што се однесува до свадбите и славите во Тетово, свиреле и пееле повеќе тетовски друштва со инструменти, но тоа го правеле без паричен надомест и претежно тоа го правеле за своите роднини и другари[1797]. Една од ретките тетовски групи кои пееле на свадби и еснавски слави и на верските празници кога имало масовни собири во лешочкиот манастир, Тетовското кале и црквата Св. Ѓорѓија во с. Мала Речица, била онаа на *Јане Ѓорѓевски* со синовите Душан и Трпе со дувачки инструменти. Јане свирел на кларинет, Трпе на труба фригорна и Душан на контрабас. На овој состав им се приклучил Нофко од Куманово, кој свирел на кларинет, труба и др. инструменти[1798].

Во периодот пред Втората светска војна, во Тетово одржувале свои солистички концерти и истакнати инструменталисти, каков што бил Проф. Властимир Јециќ, дипломиран виолинист на Парискиот Конзерваториум и победник на Олимпијадата на виртуози во Париз[1799] и музички состави како *Л. Колхен*[1800] и др.

За време на Втората светска војна, покрај црковниот хор Бинички и некој оркестар, кои дејствувал мошне ограничено во рамките на црквите, семејните прослави или во некои затворени простории, музичкиот живот се диктирал од окупаторските власти. Италијанците

[1793] ДАРМ Тетово, Кочо Богојевиќ, ф. бр. 737, АК - 1; Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006.
[1794] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006.
[1795] Никола Ставриќ, Чалгације - најбољи интпретатори наших песама, Јужна Србија, Скопље, ускршњи број, 1939, 18.
[1796] Боривоје Цимревски, Градска инструментална . . .354.
[1797] Информатор, Андро Апостоловски . . . цит. извор. Во неговото училиште први ученици биле Драшко Васовски Тупанче, Јошко Павловски Бутика, Цале Апостоловски, Љупче Богојевиќ, Тихо Петровски, Маца Грнчарка, која пеела и др.
[1798] Драго Симовски . . . цит. извор, 01.02. 2007.
[1799] Глас Полога, Тетово, 121, 20. 07. 1935, 3; Истото, бр. 152, 22. 02. 1936, 3.
[1800] Истото, 137, 09. 11. 1935, 4.

имале блех оркестар од 30 луѓе и секоја сабота организирале музичка забава во *Долно Маало*, во близина на куќата на Драго Грнчар[1801].

По втората светска војна, инструменталните состави влегле во составот на *Културно уметничките друштва*. Во 1946 година, Градската општина Тетово, донела одлука за формирање на еден *нов оркестар*, од најмалку 10 членови[1802]. Податоци за дејноста на оркестарот не се познати, но најверојатно се работи за *оркестарот на Урбано Андроли*[1803]. Тој по Втората светска војна имал своја прва музичка школа. Ги познавал речиси сите музички инструменти. Школата била сместена во куќата на семејството Шинанчиња - Урдарчиња[1804]. Во тоа училиште формиравме *оркестар*: Урбано на саксафон, и капелник, Драшко Тупанче – армуника, Андро Бабица на армуника и кларинет, Маца Грнчарка пеела, Андро Цвикер на виолоина, Јошко Бутика – мандолина. Оркестарот имал и официјални настапи[1805].

Урбано Андроли од 1950 година предавал солфеж во тетовското музичко училиште. Тој воедно бил и првиот професор по овој предмет во Тетово[1806]. Во 1950 година Урбано Андроли формирал оркестар од 6 -7 души за забава на народот. Оркестарот на Урбано се состоел од гудачки и дувачки инструменти на кои свириле неговите ученици. Иако званично во тоа време не се признавало приватно училиште, ниту приватен оркестар, луѓето од власта тоа го толерирале. По заминувањето на Андроли, незванично водач на оваа музичка тајфа бил Драгољуб Васовски - Драшко Тупанче, по кого подоцна е наречена *тајфата на Драшко Тупанче*.Покрај Драшко на армуника, во тајфата свириле Душко Апостолоски Сојуз на гитара, Андро Баба на труба, Јоше Арко – виолина и гитара, Андро Апостолоски Цвикер – виолина, преку лето им се придружувал и познатиот интерпретатор на македонската народна музика од Тетово, кој живеел и работел во Србија, Бошко Данчевски (покрај пеењето бил и одличен имитатор, инструменталист а успевал со уста да интерпретира звуци и музика од труба.), Душан Гуле на тапан и дајре (им се придружувал по повик) и Панче Камџик – импресарио[1807]. Оваа тајфа давала свои приредби во хотел Македонија, единствениот ресторански простор во градот по Втората светска војна. Парите кои оваа група ги заработувала, половина ги отстапувала на КУД *Иљо Антески Смок*, бидејќи оркестарот званично бил дел од ова Друштво[1808]. Тајфата свирела и за потребите на КУД *Радован Цоникќ* и во други прилики, како

[1801] Драгољуб Васовски, (1932), пензионер, Скопје, изјава, 08. 08. 2008, лична архива, Б.С.
[1802] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, Собрание на општина Тетово, (1944 – 1965), 14.2/3.
[1803] Италијанец кој за време на Втората светска војна дошол во Тетово како војник, свирел пиколо во воениот италијански оркестар. Бил сместен во куќата на семејстото Спирко и Крсто Сирковски, трговци од Тетово и се оженил за девојка од тоа семејство, Ангелина. По капитулацијата на Италија, тој се скрил во ова семејство и тука останал се до 1951 година, кога засекогаш се вратил во Италија.
[1804] Драгољуб Васовски . . . цит. извор, 08. 08. 2008.
[1805] Истото.
[1806] Србољуб Богојевиќ, (1927 -), пензионер од Белград, изјава, 07.03. 1999, лична архива, Б.С.
[1807] Божидар Васоски, (1937 -), пензионер од Тетово, изјава 20.03.2006, лична архива, Б.С.
[1808] Истото.

на пример пратечка група на познати македонски интерпретатори кои гостувале во Тетово како Александар Сариевски, музика за театарски претстави и др. Така во организација на оваа тајфа, во годините по ослободувањето, се организирале игранки во бавчата на ресторанот Ловец со *дансинг плато.* За ваквите прилики тајфата свирела самба, танго, валцер, румба и т.н. Уште една група свирела во градот во тој период. Се работи за групата на Живко Костовски Туфо[1809].

Хорски состави. Она по што Тетово може да се гордее во периодот од 1900 до 1950 год. е секако хорското пеење. Традициите на организираното хорско пеење потекнуваат од црковното пеење кое во периодот под османлиско владеење се изведувало мошне ретко и скромно и кое влечело корени уште од Климентовото време[1810]. Ваквата тенденција во развојот на македонската хорска музика во втората половина на 19. век, има поткрепа во некои сегменти и во тетовскиот крај[1811].

Неизбежно влијание на културен план, во втората половина на 19. век, имале и српската и бугарската пропаганда во Тетово, кои со финансиските средства на овие држави успевале да организираат училишта и повеќе видови на културни, просветни и хуманитарни здруженија[1812]. Сепак овие здруженија, и покрај нивната задача да развијат туѓо национално чувство кај Македонците, тие придонеле и во создавањето на културните навики. Во 1898 година во склопот на егзархиското училишно настојателство во Тетово, биле организирани ученички хорови кои настапувале по домовите на граѓаните со цел прибирање на парични и материјални средства за купување книги за училишната библиотека[1813].

Пред појавата на првиот организиран хор, кон крајот на 19. и почетокот на 20. век, црковното пеење се одвивало на еден спонтан начин кога при изведувањето на црковните

[1809] Драгољуб Васовски . . . цит. извор, 08. 08. 2008.

[1810] Сотир Голабовски, традиционална и експериментална музика во Македонија, Македонска ревија, Скопје, 1984, 127 - 135. Според истражувањата на Сотир Голабовски, преродбенските елементи во македонската музика од 19. век се јавуваат како желба за: 1. Обновувањето на македонската духовна музика од Климентовото време и нејзиното осовременување врз западноевропски теоретски начела; 2. Обновување на македонското црковно пеење врз византиски теоретски начела; 3. Обновување на македонското црковно пеење врз народната црковно-музичка традиција; и 4. Собирање и мелографирање на македонскиот музички фолклор и негово прикажување како автентичен македонски национален духовен продукт.

[1811] Истото.Имено се уште во црквите од тетовскиот крај се среќаваат црковни книги, носени главно од Русија, кои во себе содржат и мелографирани црковни песни. Истите руски книги веќе подолго време биле пишувани од руски автори кои пак биле под влијание на западноевропските теоретски начела, каде што се среќава и пеење во повеќе гласови, кое истото во споменатиот период се среќава и во првите преродбенички македонски автори. Секако на ова влијание треба да го придодадеме и влијанието на традиционалното македонско црковно пеење но и влијанието на македонскиот музички фолклор.

[1812] Бранислав Светозаревиќ, Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовоско 1860 - 1903, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1996.

[1813] ДАРМ, Скопје, ф. Црковно настојателство Тетово, 1897 – 1912, АК – 1, 1898 г., 24/1.

литургии во тогаш единствената сочувана црква *Св. Никола*[1814], се собирале граѓани кои пееле во неа секогаш кога доаѓале. Со нив диригирал на наједноставен начин еден човек кој за тоа имал некаква дарба. Таков еден бил во тој период Ѓоре Кантарџија[1815].

Според тоа, појавата на првиот хор во Тетово во почетокот на 20. век, има своја логична поврзаност со минатото и музичките традиции на Македонците. Иако се уште во рамките на Османлиското царство, влијанието на младотурската револуција и појавата на повеќе школувани Тетовци меѓу кои имало бездруго и музички описменети било доволен повод за појавата и на првиот тетовски хор. Во 1908/9 година се формира и првото пеачко друштво *Тетовска слога*[1816], односно хор кој работи при црквата *Св. Никола* и едно време е под водство на Петар Здравев[1817]. Истакнат пеач на хорот во кој се негувала народната песна бил и свештеникот и учител Томо Арсиќ[1818]. Се работи за машки хор, бидејќи во тоа време во склопот на Османлиското царство било незамисливо и забрането мешање на мажи и жени во јавни настапувања и особено во помали средини. Во првите години од 20. век, свои хорови формирале и пропагандите во Тетово, односно нивните црковни општини во градот. Хоровите се викале *Српско певачко друштво* и *Младински хор*[1819]. Во еден коментар од 1924 година се истакнува дека *Тетовското пеачко друштво* пред војната (пред 1912 - м. з.) било познато и го завземало првото место со својата прекрасна песна во црквата, во Јужна Србија[1820] (се мисли на Македонија - м.з.). На кое тетовско пеачко друштво се однесува во оваа статија не е прецизирано.

Според Анание Поповски хорското пеење постоело и по 1912 година, односно веднаш по Балканските војни кога е формиран хорот на чело со диригентот Душан Поповиќ, учител од

[1814] Во втората половина на 19. век во Тетово останале само две цркви кои не биле разрушени. Но во седумдесеттите години на истиот век и овие две цркви биле палени, така што црквата *Св. Никола*, конечно е обновена околу 1903 година, врз темелите на поранешната истоимена црква, изградена во 40 - тите години која по својот изглед и големина потсетувала на црквата Св. Богородица во Скопје. Втората црква Св. Богородица Хтетовска, која потекнува од средниот век, конечно е обновена во 1918 година.

[1815] Драго Симоски . . . цит. извор, 06.06. 2006.

[1816] Мирко Станковски, Документи за тетовските парохии пред 1945, Тетово, 2011, 129. Бранко Каракаш, Музичките творци во Македонија, Македонска книга, Скопје, 1970, 8; Александра Тодоровска, новинар од Тетово, Статија за радио емисијата за хорската музика *Традицијата продолжува* на Радио Скопје од 21.11.1984.

[1817] Петар Здравев е истакнат македонски лекар кој студирал и докторирал на медицински факултет во Швајцарија. Таму е истакнат член и претседател на Македонското студентско друштво кое се борело за меѓународна афирмација и признавање на македонската држава. По Втората светска војна е основач на Медицинскиот факултет во Скопје и отсекот по оториноаринголигија.

[1818] Мирко Станковски, Документи . . . цит. дело, 129. Томо Арсиќ (1852 - 1915 г.), бил роден во Тетово. Завршил Призренска богословија. Од 1874 година бил учител во Тетово. Во неделното училиште предавал црковно пеење. За свештеник е ракоположен во 1909 година, кога е член и на хорот *Тетовска Слога*. На 02. 11. 1915 година бил убиен од една албанскавооружена група во близина на селото Чегране.

[1819] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 330. Каква е поврзаноста на хорот на Петар Здравев со хоровите на овие пропаганда, се уште не е позната.

[1820] Црква и живот, бр. 3 и 4, Скопље, март-април 1924, 134.

Тетово, а по него хорот го води професорот по музика во тетовската гимназија Китиќ[1821]. Станува збор за хорот *Тетовска матица.*[1822] Овој хор секогаш пеел во црквата *Св. Никола* се до 1915 година односно до почетокот на првата светска војна. Ананије како ученик во гимназијата имал можност да пее во овој хор. Овој хор го споменува и А. Ѓорѓевиќ, кој во 1937 година, по повод 15 годишнината на хорот *Бинички*, вели дека имал прилика да ја следи неговата работа уште во 1915 година[1823].

За време на Првата светска војна, односно во 1917 и 1918 година, и покрај мошне тешките околности во кои се наоѓал градот, особено со ширењето на епидемиите, културните дејности не престанале. Во овој период финкционирало Културно -просветното друштво *Просвета*, во чиј склоп бил и градскиот хор[1824].

Ако во периодот меѓу двете светски војни во театарскиот живот на Македонија ги имаме претставите на битовите драми, тогаш во хроскоте пеење ги имаме изведбите на преработените за таа намена најубави македонски народни песни, кои се главната одлика и на репертоарот на тетовските хорови. Веднаш по завршувањето на Првата светска војна и враќањето на голем број тетовчани од фронтовите, како и на печалбарите од странство и студентите се создале услови за продолжување на музичката традиција во Тетово. Уште во 1918 година е формирано музичкото друштво ***Слога***, кое кратко трае. Во 1920 и 1921 година формиран е ***мешовитот хор од студенти и ученици*** на учителската школа чиј диригент е Ананије Поповски Туфек, а хорот пеел во црквата *Св. Никола* и приредувал концерти во Тетово[1825].

Главното жариште на хорското пеење во Тетово од 1922 година па во следните две децении, сигурно е хорот *Биничкu*[1826]. Неговото формирање е поврзано со дејноста на *Читалната на тетовската младина*[1827], основата на целокупната културна дејност на младите во градот. По иницијатива на неколку нејзини членови на чело со Војо Поповиќ и Андро Поповиќ Пуљо, учители во Тетово, на 21. 11. 1922 година е формирано пеачкото друштво *Биничкu* со 25 членови, кое на почетокот било машки хор. Од идната 1923 година овој хор прераснува во мешовит и брои 64 членови. Хорот имал и свој музички оркестар кој го

[1821] Ананије Поповиќ, Одговор на критику поводом концерта певачког друштва *Кирил Пејчиновиќ*, Глас Пологa, бр. 304, 21 јануар 1939, 2.
[1822] ДАРМ - Одделение Тетово, фонд бр. 553, *Боро Јосифовски,* новинар, 1932 - 1981, кут. 3.
[1823] Глас Пологa, Тетово, Петнаестгодишњица *Биничког*, бр. 286, 06. 03. 1935.
[1824] РистоСтефановски, Првиот воз, Пулс, Скопје, 23.01.2001.
[1825] Ананије Поповиќ, Одговор на критику . . .цит. статија.
[1826] Хорот своето име го добил според еден од најзначајните српски компзитори Станислав Бинички (1872 - 1942).Глас Пологa, 15 година од оснивања певачког друштва *Биничкu*, бр. 204, 20.02. 1937,2; и бр. 206, 06. 03 1937, 2; Просветни и културни рад *Биничког*, бр. 241 и 242, 06 и 11. 1937, 4.
[1827] Матична библиотека *Кочо Рацин*, Тетово, Марковиќ Јован, Значај книжњице, ракопис, 6 стр.; Владо Кочовски, Од буква до библиотека, Тетово, 2000, 37 - 40; Глас Пологa, Тетово, бр. 238, 3.

придружувал на настапите[1828] и посебно на забавите и свеченостите. Сите овие членови се од градот и припаѓале на трговскиот и занаетчискиот ред[1829]. Во управниот одбор на хорот биле: Претседател Војо Поповиќ - учител, секретар Глигорије Трпковски - бербер, благајник Цоне Аврамовски - поштенски чиновник (подоцна професор по фискултура во гимназијата), благајник Петар Закоски - закупец на општинската трошарина, сметководител Страхиња Николоски - бакал, заставник Душан Аврамовски - столар. Членови Александар Јовановски - бербер, Глигорије Ананиевски - чевлар, Симо Момировски - адвокат, Душан Ѓорѓевски - кројач, Стојан Томиќ - трговец и Захарие Закоски - адвокатски писар.

Иако хорот *Бинички* бил предодреден преку културата да го зајакнува српскиот национален дух, и не пројавил јавни активности на отпор како во некои хорови во Македонија и Тетово[1830], сепак, постепено се наметнува македонскиот дух низ изведбите на многубројни македонски народни песни, а со почетокот на Втората светска војна, хорот станал пункт на отпорот кон окупаторите, за што во понатамошниот текст ќе стане збор.

Хорот најмногу ја негувал, покрај преработената народна македонска песна, духовната музика и дела на современи композитори од тоа време. Хорот по градовите настапувал по цркви, концертни и спортски сали, хотели и на отворени простори. Хорот настапувал дури и на свадби и на опела[1831]. За успехот на хорот посебни заслуги имал Андро Поповиќ Пуљо, кој по потекло бил од Врање. Тој се покажал и како добар диригент и како мошне добар организатор. Претседателот на *Бинички* Војо Поповиќ е најзаслужен за организациските и управувачките успеси и пред се за големиот број на турнеи на Пеачкото друштво. На таа функција Војо Поповиќ останал до 1934 година, кога поради службено преместување, морал да го напушти Тетово[1832]. Пеачкото друштво и градот му приредиле свечана проштална вечер.

Уште на самиот почеток, хорот бележи пеачка и концертна активност и само во првите две години има поскромен број на концерти во Тетово и тоа во гимназијата и во една кино сала[1833]. Во 1923 година граѓаните со воодушевување го прифаќаат хорот, а родителите почнуваат да ги пуштаат и своите ќерки да членуваат во него. Оваа година хорот брои 66 членови. Истата година покрај Тетово, хорот одржува свои концерти и во Гостивар, Кичево и

[1828] Комедија (списание) Београд, 04. 05. 1924.
[1829] *Српско Косово*, Певачка дружина "Бинички" у Тетову, бр.20, 1928, 14; *Глас Пологa*, Певачка дружина "Бинички",бр. 204, 20.02. 1937, ст.2.
[1830] Драгослав Ортаков, Музичката уметност во Македонија, Македонска ревија, Скопје, 1982, 65.
[1831] Андреја Апостолски . . . 07. 12. 1997.
[1832] Глас Пологa, Тетово, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.
[1833] Санда Тодоровска, Хорската традиција во Тетово, Интердисциплинарни студии по новинарство, УКИМ - Скопје, семинарски труд, 1984.

Скопје[1834], а потоа и во Охрид[1835]. Следните три години, овој тетовски хор бележиимпресивна концертна дејност со преку триесет целовечерни концерти.

Во 1924 година на втората турнеа хорот имал концерти во Ниш, Књажевац, Зајечар, Неготин и понатаму хорот на турнеата се упатува со брод по реката Дунав и тоа преку Прахово, Велико Градиште и Смедерево каде што им се приредени свечени пречеци па се до Белград[1836], каде што пее и пред југословенскиот крал Александар I, а истата година *Бинички* има концерти и во Скопје, Куманово и Врање[1837].

Во 1925 година, дава концерти во Крушевац, Чачак, Ужице, Сарајево, Мостар и Дубровник. На оваа турнеја хорот го придружувал и композиторот Станислав Бинички[1838].

Во 1927 година приредува концерти во главниот град на Романија, Букурешт пред печалбарите од Тетово и Тетовско[1839]. Македонската песна оставила посебно силен впечаток меѓу македонските печалбари во Романија. *Глас Пологa*, за овој настан, меѓу другото пишува: "*Во месец мај, преку Ниш, Неготин и Турн Северин, Друштвото отпатувало во Букурешт и на 15 мај во салата Ладертафел, приредило мошне успешен концерт - кој бил посетен од голем број наши печалбари, колонисти, претставници на нашата држава и од многу граѓани и претставници на Романската престолнина. Петодневниот престој на Бинички во Букурешт, беше вистинско мисионерство. Членовите на Бинички, непрекидно биле со нашите печалбари и колонисти - па со нив зборувале за нашите крашита и за нивните роднини и со тоа ја извршувале својата главна задача, оживување на спомените и љубовта за татковината*"[1840].

Романската престолнина срдечно го прими *Бинички* и му ги укажа сите почести во својата средина и на Друштвото му се приредени неколку банкети и приеми. Пеачкото друштво *Кантарса Романија*, првак на Букурешт го повика Друштвото во својот дом во кој *Бинички* и *Кантарса Романија* приредиле заедничка концертна вечер пред одбрана публика од престолнината. Романското министерство за просвета му приредило на Друштвото банкет на кој присуствувале претставници на романските просветни власти, на нашиот конзулат на пратеништвото и југословенската колонија[1841].

[1834] Слобода, Скопље, 18. 10. 1923; Глас Пологa, Тетово, 20. 02. 1937, 2.
[1835] Комедија, цит. списание.
[1836] Истото; Време, Београд, 14. 05. 1924; Политика, Београд, 14. 05. 1924; Новости, Београд, 15. 05. 1924; Подне, Београд, 15. 05. 1924.
[1837] Правда, Београд, 14. 05. 1924.
[1838] Политика, Београд, 29. 04. 1925.
[1839] Т.А. Певачка дружина *Бинички,* Глас Пологa, Тетово, бр. 264, 20. 02. 1937, 2.
[1840] Лука Војводић, Просветни и културни рад *Биничког,* 1922 - 1937, Глас Пологa, Тетово, бр. 241, 06. 11. 1937, 4.
[1841] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело, 125.

Во 1929 година на натпреварувањето во Скопје на државно ниво, хорот го освоил највисокото признание и бил добитник на сребрениот пехар на Југословенскиот пеачки сојуз, со што се потврдени високите квалитети на хорските изведби на хорот *Бинички* од Тетово.

Во 1931 година хорот приредува концерти во Белград, Нови Сад, Суботица, Сомбор, Вуковар, Митровица, Сремски Карловци и Крагујевац, но оваа концертна турнеа на *Бинички*, весниците во Србија ја проследуваат со неколку музички критики и интересни коментари преку кои се добива една поцелосна слика за настапите на тетовскиот, веќе познат хор, во списанието *Нови Сад*[1842]. од Нови Сад " *Југословенски Дневник*[1843] од Суботица" На крајот овој весник го опишува и понатамошното дружење и почести на суботичани со тетовскиот хор кои продолжиле до раните зори. *Време*од Белград, повеќе забележува и ограниченост во изведбите[1844].

Во 1932 година, веќе реномираниот тетовски хор имал свои настапи во Грција односно во Солун и некои други места во егејскиот дел на Македонија. Турнеата во Грција траела 15 дена[1845].

Во 1933 и 1934 година Бинички е во Велес, Прилеп, Битола, Солун, Косовска Митровица, Пеќ, Ѓаковица и Призрен[1846]. Еден од најголемите успеси хорот го постигнува во Белград со изведбата на мокрањчевите *Ракатки*, во Коларчевиот народен универзитет во

[1842] *Нови Сад,* Нови сад, 09. 05. 1931.. . . *Богатата и одбрана програма на концертниот дел исто така сведочи дека нашите браќа тетовчани морале да вложат многу труд, волја, енергија и време за да можат на своите браќа новосаѓани да им пружат, пријатно задоволство во уживањето на убавите македонски народни песни, кои нашите народни уметници ги составиле и овековечиле . . .*"

[1843] Jugoslovenski domovnik, Subotica, 11. 05. 1931. . . . *Хорот не ги преценува своите можности, но тоа што го изведува го изведува сосема уметнички и наполно во смисла на интенцијата на композиторот. Уште во првите точки се чивствуваше вистински ентузијазам кој го создава хорот и силно влијае врз публиката. кога се слушнаа првите гласови: "Чини се чини" од (С.)Бинички, се чувствуваше дека хорот има вистинска интуиција и дека просто ги носи мелодијата со себе, Мелодијата и звукот на "Магдо мори, убава девојко" од Илиќ како и "11 ракатка" на Мокрањац докажаа дека хорот е способен за вешти и убави премини и финеси и во крстиќевото "Цело ми село" се покажа дека тој има многу динамика за сите варијанти. "Ej, ко ти купи" од Бајкиќ остави длабок впечаток . . . На крајот се испејаа познатите тетовски песни на Бинички, "Сите момчиња дојдоа", "Т'мна магла по полето", "Дремка ми се дреме", "Се запали одајчето", "Што ми е мило ем драго". Овие песни постигнаа голем успех, што може да се должи како на самиот нивни тон, така и на хорот и на диригентот. Публиката беше мошне одушевена. Хорот мораше да повтори неколку свои песни, бидејќи аплаузот не престануваше. Како се редеа песните публиката ја зафаќаше се поголем ентузијазам и на крајот дојде до една убава и срдечна национална и културна манифестација. Со хорот управуваа Андро и Војо Поповиќ кои заслужиле да им се даде големо признание . . .*

[1844] Време, Београд, 07. 05. 1931. . . . *Во народни носии, богато извезени настапија членките на Бинички, следени од членовите, пред малуброjната белградска публика, која овие вредни пратеници на полето на културата, срдечно ги поздравила. Хорот Бинички ни донесе и свој пет пригодни песни кои одговараат на неговите гласовни квалитети. Без голема звучност сонарност, хорот Бинички излезе на концертот во доста воедначена форма. Гласовните квалитети не без некоја особена ознака . . .*

[1845] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 170, Министерство за просвета, Белград, Тетовска гимназија, 1932 – 1940, АК – 13, О.Н. бр. 30.244, 13. 05, 1933.

[1846] Српско Косово, Певачка дружина . . .цит. статија; Вардар, Скопље, 05. 03. 1933; 01. 06. 1933; 21. 11. 1933; Штампа, Београд, 05. 06. 1934; Вардар, Скопље, 05. 06. 1934; Глас Полога, Тетово, 03. 06. 1933; 10. 06. 1933; Правда, Београд, 13. 05. 1933; Глас са Звечана, К. Митровица, 09. 06. 1934.

Белград каде тогашната музичка елита јавно изјавува: "*Ваквата изведба на овие дела, во оргинал, сега за првпат ги чувме . . .*" А двајцата тетовски диригенти биле наградени со високи одликувања[1847]. Оргиналноста на звукот, меѓу другото се должел и на фактот што некои од најпознатите композиции на Стеван Мокрањац се всушност обработени македонски народни песни[1848].

По повод 15 годишнината на хорот *Бинички*, во 1937 година биле одржани повеќе концерти во Тетово и Тетовско, Гостивар и Скопје а било одржано и свечено собрание[1849]. На ова собрание, меѓудругото се дискутирало и за собраните средства за настап на овој тетовски хор во главниот град на Бугарија, Софија, но концертот не е одржан, поради не добивање на дозвола за истиот.

Во 1937 година хорот има свои настапи во Лесковац, Ниш. Алексинац, Ќуприја, Јагодина, Пожаревац, Смедерево, Панчево, Белград, Вршац и Ваљево[1850], а во 1938 година во Бања Лука, Сисак, Карловац, Сушак, Огулин, Шибеник, Сплит, Сињ, Котор, Цетиње, и Краљево. Ова е крајот на златниот период на хорот под водството на Андро Поповиќ[1851].

Во периодот од неговото основање, до 1937 година, *Бинички* во Тетово, одржал преку 40 концерти, извела 8 турнеи низ Кралството Југославија од кои 2 во Романија и Грција, и бил учесник на огромен број манифестации во градот и пошироко со богата музичка програма.

По 1938 година се намалува бројот на концертите, но и понатаму хорот *Бинички* е главниот носител на музичкиот живот во Тетово[1852]. Хорот *Бинички* под диригентството на Никола Новаковиќ, кој поседувал високи музички квалитети, функционирал се до 1942 год.[1853] кога бил стрелан од бугарските фашисти во Владичин Хан. Првиот јавен концерт на овој хор на 08 јануари 1938 година во Тетово, под диригентсво на Никола Новаковиќ, е оценет со мошне поволни оценки од страна на Тодор Скалоски[1854].

Во пеачкото друштво *Бинички*, во 1942 година, за диригент го назначило Јоше Илиевски Арко. Хорот во овој период па се до крајот на војната немал јавни настапи освен што пеел за потребите на црквата. За време на војната во хорот се зачленуваат прогресивни

[1847] Санда Тодоровска, Хорската . . . цит. дело.
[1848] Драгослав Ортаков, . . . цит. дело, 66.
[1849] Анѓелко Цувај, Концерт *Биничкога*, Глас Полога, Тетово, бр.205, 27. 02. 1937, 2; Глас Полога, Тетово, Петнаестогодишњица *Биничког,* бр. 313, 06. 03. 1937, 2.
[1850] Глас Полога, бр. 209, Тетово, 27. 03. 1937, 3; Истото, бр. 218, 29. 05. 1937, 2; Истото, 05. 06. 1937, 2.
[1851] Целокупната документација на хорот и фотоархива која хронолошки педантно е средена се наоѓа во приватната архива на Драган Поповиќ, новинар во пензија од Белград, син на диригентот Андро Поповиќ. Во Тетово се чуваат голем број на фотографии кај семејства чии претци биле членови на овој хор.
[1852] Глас Полога, Тетово, бр. 317, 22. 04. 1939, 2.
[1853] ДАРМ, ОДД. Тетово, Кочо Богојевиќ цит. фонд; Драго Симовски . . . цит. извор.
[1854] Т. А. Концерт певачке дружине Бинички, Глас Полога, Тетово, бр. 253, 29. 01. 1938, 2.

младинци и револуционери и кои на хорот ќе му дадат еден нов дух со тоа што во него и преку него ќе се шират слободарски идеи. Во неговите редови ќе се најдат Иљо Антески Смок, Радован Цоникќ, Андреја Савески Кикиш, Милан Јовановски Сукута, Иван Крстевски и др[1855]. Со навлегувањето на овие членови и во управата, репертоарот на *Бинички*, се повеќе содржел македонски песни, така што, според Милан Јовановски Сукута, хорот попримил Македонски карактер[1856].

Во хорот пееле повеќе генерации на тетовски младинци. Настапите во Тетово биле многу чести, преку изведување на на самостојни концерти и како дел на пошироки културни програми и забави организирани по најразлични поводи[1857]. *Бинички* долги години е средиште не само на музичкиот, туку на севкупниот културен живот на градот. Од година во година членството се менувало, едни доаѓале, а други заминувале а некои пак му останале верни до крајот.Поголемиот број на концерти биле посетувани со платени влезници[1858]. Освен од концертите хорот *Бинички* се финансирал и од доброволни прилози и парична помош од општината и од угледните граѓани на градот[1859]. Така во тоа време, финансиски помоќните граѓани превземале обврска за финансиско помагање на хорот. Таквите помагатели се нарекувале кумови на хорот и како што вели Драго Симовски на тетовски дијалект: " полојната мастраф го тргале кумојте", односно половина од трошоците на хорот ги покирале спонзорите. Според неговото сеќавање, во времето кога хорот гостувал во Букурешт, кум бил Иљо Цветановски Лавчанец, (од 1926 до 1927 г.) кој ги покрил трошоците за патот, а за храната и пиењето во Букурешт, трошоците ги платил Раде Јанкоски Грачанец. Од 1928 до 1930 год. кум на ова пеачко друштво бил Кузман Најденовски. Од 1930 до 1932, кога хорот имал концерт во Солун, кум бил Коста Парлиќ а по овој период бил Васо Ристоски Пашапетрин и др[1860]. Во знак на благодарност на дрвената дршка од бајракот се заковувале месингани плочки на кои се наоѓале имињата на кумовите на Пеачкото друштво, што претставувало голема почест. Во весникот *Глас Пологa* од 1938 година, како кумови, покрај споменатите Најденовски и Парлиќ, се среќаваат и *Тетовска индустриска банка* и Крагуљ Димиќ[1861].

Коментарот на весникот *Вардар* од Скопје од 1933 год.[1862] ја отсликува состојбата на хоровите во Македонија во тој период, каде што стои дека, пеачките друштва на Југот[1863]

[1855] Иван Крстевски, Ефектите од непосредната активност на познатите револуционери од нашиот град за време на НОБ и НОД за опстанок на хорското пеење и живеење, брошура "Илија Антески - Смок полком на "Корабскиот одред", Тетово, 1983, 1 - 6.
[1856] ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 03. 12. 1977, изјава на Милан Јовановски, 6.
[1857] Глас Пологa бр. 204, 20. 02. 1937, ст. 3; бр. 206, 06. 03. 1937, ст. 1; бр. 214 и 215, 01 и 08. 05. 1937,ст.11; 06. 11. 1937, 4; бр. 273, 18. 06. 1938, ст. 3; бр.325, 15. 07. 1939;
[1858] Боривое Цимревски, цит. дело . . . 328 - 329.
[1859] Глас Пологa, бр. 258, 05. 03. 1938, ст.3.; бр. 135, ст.2.
[1860] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 05. 2006.
[1861] Истото, бр. 254, 2.
[1862] Вардар, Скопље, 21. 11. 1933.

живеат и се издржуваат речиси единствено од помошта на црквата која им дава пари за пеењето литургии во неделите и празничните денови. Некои од нив имале и повремени приходи од концерти и други пеачки приредби, и нивното место меѓу пеачките друштва е на повисоко ниво бидејќи имаат можност да плаќаат стручни лица за диригенти. Во истиот, коментар хорот *Бинички* е ставен во редот на најуспешните хорови во тогашна Југославија заедно со уште три хора од Македонија и тоа хоровите *Мокрањац* и *Вардар* од Скопје и *Кајмакчалан* од Битола.

Хорот од 1936 година и званично не е дел од Тетовската младинска читална и се води како хор при црквата *Св. Кирил и Методиј* во Тетово. За 1936 година, хорот *Бинички*, за своите пеачки услуги во црквата *Св. Кирил и Методиј* добивал 3.600 динари[1864]. Овие приходи биле драгоцени но не биле толку големи за опстанок на хорот. Заради споредба ќе ги споменеме годишните плати за црковните пеачи за истата година кои изнесувале 1200 динари по пеач. Во овој период црковни пеачи биле Андреја Јовановски во црквата *Св. Кирил и Методиј*, Александар Арсиќ во црквата *Св. Богородица Хтетовска* и Васа Х. Атанасовски во црквата *Св. Никола*[1865]. Веќе во следната 1937 година Управниот одбор на хорот се обратил со писмо до Црквената општина во Тетово од која бара зголемување на месечниот приход од 300 на 400 динари[1866].

Во овој период хорот повремено настапува и со свои солисти како што се Никола Новаковиќ, Вера Софронијевиќ, Ленка Спириќ (сопран), Ника Новаковиќ (алт) и Душан Аврамовиќ и Ѓорѓе Басекиќ[1867]. Своите проби хорот ги правел во ОУ *Краљ Александар*[1868].

Хорот поседувал свое знаме, со заштитен знак, кој бил како таков и на значките кои ги поседувале хористите. Освен тоа хористите носеле и посебни шапки за мажите и жените.

Во 1936 година, свештеникот со руско потекло во Тетово Константин Глаткиј со писмо од 19. 02. 1936 година[1869] се обратил до црковната општина во Тетово, во кое меѓу другото, предлагал да се основаат црковни хорови во секоја парохија. Тие хорови биле составени од ученици во основните и средните училишта како и младите од редовите на занаетчиите.

[1863] Овој весник мошне често го употребувал терминот „на југот", со тоа вешто избегнувајќи го, наметнатиот од режимот, термин, Јужна Србија и во исто време вистинското име Македонија, кое во тоа време било непожелно за властите.

[1864] ДАРМ, Одд. Тетово, црква *Св. Кирил и Методиј*, Ф. бр.178, АК-1, К.бр.172, 27. 02. 1936.

[1865] Истото.

[1866] Истото, 283, (бр. на барањето на хорот *Бинички* е 22 од 16. 03. 1937.)Во овој документ се наведува дека овие средства биле наменети за хонорар на диригентот Андро Поповиќ, кој од 01. 04. 1937 год. се откажал од истиот во корист на фондот за подигање на друштвениот дом, односно овој документ ни открива дека уште во 1937 година постоела иницијатива и фонд за подигање на сопствен Дом на пеачкото друштво *Бинички*.

[1867] Глас Полога, Тетово, бр. 317, 22. 04. 1939, 2.

[1868] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 05. 2010.

[1869] ДАРМ Одд. Тетово, црква *Св. Кирил и Методиј*, цит фонд. док. бр.52 од 19. 02. 1936 г.

Оваа идеја на свештеникот Глаткиј била остварена со тоа што веќе во април 1937 год. при црквата *Св. Никола*, бил основан хорот *Кирил Пејчиновиќ*[1870]. Диригент на овој хор бил Анание Поповски Туфек, а втор диригент Спиро Гребенаровски Грепче. Потпретседател, а нешто подоцна и претседател на друштвото бил Михајло Серафимовски, директор на *Тетовската кредитна банка*, попознат кај тетовчаните како Мио поп Серов. Секретар бил Ѓорѓи Миновски, правник. Кум на хорот бил Никола Момировиќ, кој воедно го подарил и знамето на ова пеачко друштво[1871]. Прв претседател бил Симо Момировски, адвокат, а потоа Стојадин Димитријевиќ, народен пратеник[1872].

Хорот броел 107 членови од редовите на повеќе градски слоеви. Званично хорот имал добри односи со веќе многу поафирмираниот *Бинички*. Соработката на овие два хора била коректна, но се чувствувало понекогаш и ривалство и желба за престиж. Весниците забележале дека хорот *Кирил Пејчиновиќ* приготвил свечено испраќање пред една турнеа на *Бинички*[1873], со изведување на неколку хорски композиции. Овие два хора имале и неколку заеднички настапи во Тетово.

Хорот *Кирил Пејчиновиќ*, настапувал на разни пригоди[1874] како и во црковните служби во црквата *Св. Никола*. Финансиската подршка од црковната општина за овој хор во 1939 год. изнесувала 200 динари, а во 1940 се зголемила на 250 динари месечно[1875], но не изостанувала и помошта од граѓанството[1876]. Како посебни помагачи на овој хор ги издвојуваме пратеникот Стојадин Димитријевиќ Ренто, кој воедно издејствувал и 2000 динари еднократна помош од Народното собрание на Југославија, банкарот и трговец Никола Момировиќ и др. За успехот на хорот најзаслужни биле Анание Поповски и Михајло Серафимовски. Како кум на хорот се појавува Никола Момировиќ, кој воедно го подарил и знамето на хорот[1877].

Како солисти на овој хор се издвојувале Душан Аврамовски Шапшо и Ленка Спириќ[1878]. Во репертоарот на овој хор за 1938 година биле композиции на Мокрањац,

---

[1870] Глас Пологa, Тетово, Оснивачка скупштина певачке дружине *Кирил Пејчиновиќ,* бр. 216, 15. 05. 1937; бр. 213, Тетово, 24. 04. 1937, 3.

[1871] Глас Пологa, Тетово, Делатност певачког друштва, Кирил Пејчиновиђ, у Тетову, 02. 10. 1937, 2.Членови на управниот одбор биле: Трпко Антиќ, рентиер, Д-р. Сима Петровиќ, Андра Стевчевиќ, трговец, Славко Ристиќ, менувач, Јован Јовановиќ, службеник во среским суд, Ѓорѓе Миниќ, правник, Ќира Ристиќ, Боривоје Јовановиќ, Сима Китановиќ, Божин Спириќ, Тома Ѓорѓевиќ, правник. Надзорниот одбор: Трпе Глигоријевиќ, Богдан Аќимовиќ, даночник, Ѓока Михајловиќ, Риста Ристиќ, Влада Перовиќ, командир на стража и Спира Антиќ.

[1872] Истото, бр. 261, 28.03.1938.

[1873] Истото, бр. 217, 22. 05. 1937, 3.

[1874] Истото, бр. 236, 02. 10. 1937, 2; бр. 258, 05. 03. 1938, 3; бр. 273, 18. 06. 1938, 3.

[1875] ДАРМ Одд. Тетово, црква *Св. Кирил и Методиј*, цит. фонд. док. бр. 170 од 25. 03. 1940 г.

[1876] Глас Пологa, Тетово, бр. 236, 02. 10. 1937, 2; Истото, бр. 25. 05. 03. 1938, 3.

[1877] Истото, бр. 236, 02. 10. 1937, 2; бр. 269, 21. 05. 1938, 2; Истото, бр. 270, 28. 05. 1938, 1 -2.

[1878] Истото, Нов концертни програм, бр. 249 и 250, 01. и 08. 01. 1938, 5.

Милојевиќ, Шијачки, Тајчевиќ и Виличиќ[1879]. Интересно е што изборот на композициите од овие автори и претежно на оние кои се инспирирани од македонското културно наследство.Хорот настапувал на сите државни, хуманитарни и црковни манифестации во Тетово и Тетовско. Својот прв целовечерен концерт, мошне успешно го одржал во Хотелот *Јадран* во Тетово, кој бил мошне добро организиран и изведен со пропратни манифестации[1880]. Хорот има одржано и целовечерен концерт во Гостивар[1881]. За одбележување е и големиот концерт на ова пеачко друштво по повод големиот православен празник Св. Кирил и Методиј на 24 мај 1938 година. На концертот биле изведени следните композиции: На соколската мисла од Шијачки, VIII ракатка на Мокрањац, Кратовски песни од Шијачки и XV ракатки, односно како што пишува на плакатот - песни од Македонија од Мокрањац[1882].

Покрај овие два хора, во црквата *Св. Богородица* во март 1940 година формиран е црковниот хор ***Братство***, чиј диригент бил Спиро Гребенароски, службеник во шумската управа Тетово. Претседател на хорот бил Ристо Антески, кој бил градоначалник на Тетово. Хорот го посетувале младинци од посиромашните слоеви на граѓанството[1883].

Покрај овие хорови постоел и *хорот на монополските работници* составен од работниците во тутунската станица, односно од Монополот и други работници приврженици на Комунистичката партија. Со хорот раководел и диригирал Панта Николиќ. Тој во едно свое сеќавање,[1884] за активностите на овој хор вели:"*Тогаш неколку члена не од Тетово а од Скопје*[1885] *ми наложија да се организира хор, аналфабетски курс и кујна работничка.Тие работеа извесно време но по уплит на тогашната полиција постапно прво кујната ја разгромија па хорот, а за аналфабетскиот курс да не збориме. Овие беа оформени 1933-1934 година. Постои денеска слика од хорот но сите не се сликани, а на сликата се само тие што не се плашеа",*

Исто така и во училиштата имало ученички хорови. Во склопот на Женското занаетчиско училиште *Раденичко* се негувала хорската музикаод ***хорот на Женската занатска школа*** под диригентство на Никола Новаковиќ[1886]. Хорот настапувал во Тетово при различни пригоди, најчесто организирани од женските хуманитарни здруженија. Во основното училиште *Престолонаследник Александар*, денешното *Гоце Делчев*, ***училишниот хор*** го водел

[1879] Истото.
[1880] Истото, бр. 260, 19. 03. 1938, 3; 09. 04. 1938, 3; 14. 05. 1938, 2; 21. 05. 1938, 2; 28. 05. 1938, 1 и 2
[1881] Истото, Уметничка приредба Пев. Друштва Кирил Пејчиновиќ у Гостивару, бр. 364, 11. 05. 1940, 1.
[1882] Плакат на концертот на *ПД Кирил Пејчиновиќ* Тетово, 24. 05. 1938 год.
[1883] Глас Пролога, Тетово, Оснивачка скупштина певачког друштва Братство у Тетову, бр. 359, 16. 03. 1940, Потпретседатели се Русе Апостоловски и Коста Божиновски, свештеници. Во управта биле Стојко Аќимовиќ, учител, Димко Герасимовски, трговец, Иван Стојковски, пензионер и други.
[1884] ДАРМ, Одд. Тетово, Варија, материјали за НОВ во Тетово, Стенограм составен од Трпко Стаматовски, 34.
[1885] Се мисли на членови на Комунистичката партија.
[1886] Драго Симоски . . .; Глас Пролога, Тетово, бр. 306, 04.01.1939, 2.

диригентот Анание Поповски Туфек, додека со ***гимназискиот хор*** раководел професорот по музика Семјон Штејн[1887]. Овие училишни хорови настапувале на патроните празници, верските празници и свеченостите во градот[1888]. Во 1939 година овој хор успешно се претставил пред тетовската публика, а тогаш била изведена и оперетата *Снежана*[1889]. Во тетовската гимназија, во триесеттите години, постоел и еден пеачки квартет составен од четири гимназиски професори: А. Цувај, М. Главички, Ц. Аврамовиќ и Ж. Славниќ[1890].

Хорот на просветните работници на Тетово, е само одраз и продолжеток на богатата хорска и музичка традиција и желбата за културно изразување на тетовските просветни работници.Членови на хорот биле професори од тетовската гимназија, наставници и учители од основните училишта.

Хорското пеење во Тетово било збогатено и со оформувањето на *Хорот на Руското друштво во 1937 година*[1891]. Овој хор бил мешовит и под диригентство на свештеникот Константин Глаткиј. Хорот негувал руска и црковна музика.

Тетово во периодот меѓу двете светски војни го посетувале и одржувале свои концерти хорови од други градови, Скопје, Гостивар, Лесковац и др[1892].

Во четриесеттите години на дваесеттиот век се појавуваат и првите изведувачи - *солисти*на тетовските старогратски песни на радиото. Во 1941 година, во новоотвореното *Радио Скопје* како интерпретатор на тетовсите староградски песни се јавува Вера Апостолова, една од идните најистакнатите оперски певици на македонската опера, кога мошне успешно испеала неколку тетовски песни[1893].

Мара Русина Ѓорѓевиќ, со моминско презиме Мисовиќ, направила успешна и долга музичка кариера[1894]. Така на новоотвореното *Радио Скопје* во јануари 1941 година на аудицијата за прв локален солист на радиото, од 85 кандидати победила Мара Ѓорѓевиќ[1895] која

[1887] Павлина Апостолова, Сеќавања за еден фамилијарен живот, Скопје, 2006, 50; ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 170, Министерство за просвета, Белград, Тетовска гимназија, 1932 – 1940, АК – 13, бр. 540, 20. 05. 1935; бр. 34, 21. 01, 1937; Државна реална гимназија у Тетову, Извештај за школску 1934 – 1935 год, Тетово, Јадран, 1935, 15; Глас Пологa, Тетово, 01. и 08. 05. 1937, 8.

[1888] Глас Пологa, Тетово, бр. 213, 24. 04. 1937, 3.

[1889] Истото, Успели музички час тетовске гимназије, бр. 318, 29. 04. 1939, 3.

[1890] Истото, Прослава бискупа Штросмаера, 06. 02. 1937, 3.

[1891] Истото, бр. 205, 27. 02. 1937 , 3; Истото, бр. 211, 10. 04. 1937,3; Истото, 10. 04. 1937, 3.

[1892] Глас Пологa, Тетово, бр, 117, 22. 06. 1935, 4; Глас Пологa, Тетово, бр. 156, Хор свештеника града Скопља у Тетову, 21. 03. 1936, 3; Истото, бр. 168, Скопско певачко друштво Мокрањац у Тетову, 13. 06. 1936, 2; Глас Пологa, Тетово, Лесковачки *Бинички* у Тетову, бр. 210, 27. 03. 1937, 3.

[1893] Павлина Апостолова, Сеќавања . . . цит. дело, 52.

[1894] Ацо Доганџиќ, Мара Ђорђевиќ, Записано у времену, (Песме са Косова и Метохије, Македонске (тетовске) песме) , Београд, 2000, 20.

[1895] Истото, 20 – 27. *По завршувањето на Првата светска војна, во народот, секаде па и меѓу жителите на Тетово, се вратила верата во подобар живот. И песната после подолго време се огласила, никогаш послободно и посилно. Низ прозорците на приземните куќи и чардаците, покрај*

ги пеела песните: *„Од поле ида бабо сејмени", „Ај коња спремам", „Кољ Дорија", „Ѓорушиџе, црно око" и др.* Таа, најмногу од тетовските песни ги слушала и научила од својата мајка Руса Мисовиќ (моминско презиме – Ѓинлевиќ) и од, во тоа време познат тетовски пеач, Ноне Грнчар, кого, до крајот на својот живот го споменувала со особена почит[1896]. Во 1940 година во Скопје, на Тетовската вечер, организирана од Тетовското друштво во Скопје имала свој настап со песни од Тетово[1897].

Како истакнат солист од Тетово, кој имал свои солистички настапи, но и како придружен вокал на хоровите бил Ѓорѓе Басекиќ[1898]. Тој поради неговите студии на филозофскиот факултет а напоредно со тоа студирал и на музичката академија во Белград, во Тетово и Скопје настапувал само во летните месеци, кога доаѓал на распуст. Пеел во хорот *Обилиќ* од Скопје, како солист[1899]. Еден од поуспешните и похрабри солистички обиди на лирскиот тенор Басекиќ е секако неговата носечка улога во операта *Трубадур* од Џузепе Верди, изведена од *Скопското музичко друштво* во Скопје во 1938 година[1900]

Тодор Скалоски е една од најмаркатните личности на современата македонска класична музика во 20. век. Ентузијазмот кој владеел во сите сегменти на живеењето на младата македонска држава бил силно присутен и во музичкиот живот. Само 11 дена по ослободувањето на Скопје, биле доволни, директивата на тогашната Влада, да се преточи во формирањето на првиот симфониски оркестар во Македонија. Оваа значајна институција, која подоцна ќе го добие името Македонска филхармонија, била создадена во домот на семејството Скаловски. Меѓу основачите на македонската филхармонија има уште еден тетовчанец по потекло, Душан Парлиќ[1901]. На 31. 10. 1945 година изведен е првиот самостоен концерт на

жолтиот сјај на свеќите и лампите на гас, продирала низ ноќта низ целиот тој напатен народ, како плима, прочуената тетовска песна. Во една таква ноќ се слушнал, како песната на царскиот славеј, треперлив, чедно топол и продорен глас на девојчето, кое подоцна секогаш и секаде ќе го повикуваат секаде низ Тетово во разни прилики и ќе ја тераат да пее. А таа не се бранела, пеела од срце и неуморно. (Истото, 21)

[1896] Истото, 22.

[1897] Глас Пологa, Тетово, бр. 356, 24. 02. 1940, 2; Истото, бр. 357, 02. 03. 1940,2-3.

[1898] Група автори, Животни пут учитеља и револуционара Душана Басекића, Бијело Поље, 1989 година, 287. Ѓорѓија Коста Басекиќ, роден 1912 година во Тетово. По завршувањето наосновното училиште и нижата гимназија во родниот град, завршил и учителска школа во Скопје. Како учител работел во селото Слепче, Битолско. Ја напуштил службата и продолжил со студии на Филозофскиот факултет во Скопје а потоа во Белгард каде што и дипломирал. Напоредно со овие студии студирал и на Музичката академија во Белград. Во октомври 1944 година се приклучува во антифашистичката борба во Србија. На 06 април 1945 година погинал во борба кај селото Батровци, Шид, заедно со Тодор Гишпарски Мергијан од Тетово.

[1899] Глас Пологa, Тетово, бр. 216, Г. Ђорђе Басекић, као солиста СТД Ј.К.П.Д. *Обилића*, 15. 05 1937, 3.

[1900] Т.А. Леп успех г. Ђорђа Басекића, студента филозофије, на Скопској позорници, Глас Пологa, бр. 274, 25. 06. 1938, 4.

[1901] Татјана Грковска, Македонска Филхармонија, Музиката на почвата на Македонија од Атанас Бадев до денес, книга 12, МАНУ, Скопје, 2004,189. Основоположници биле покрај Тодор Скаловски и Васил Џаконовски Шпато, Ѓоре Кузмановски, Петар Трајковски, Фрањо Млчок, Херман Зип, Тодор Календаров, Стефан Кралевски, Перо Симоновски, Јосип Дворжак, Душан Парлиќ и Александар Шалевски.

Симфонискиот оркестар со кој диригирал Тодор Скаловски. Во програмата биле застапени дела од Моцарт, Бетовен, Чајковски, Дворжак и Росини[1902].

Со историјата на *Македонската опера*, поврзан е и Тодор Скаловски, како еден од петте основачи[1903] и бил диригент на првата опера *Кавалерија Рустикана* изведена во 1947 година[1904]. На 20. 03. 1950 година, било свикано основачко собрание за создавање на *Македонска филхармонија*, на кое е избрана управа на чело со Тодор Скаловски како претседател[1905]. Тодор Скаловски диригира и со првиот концерт на првиот Камерен оркестар, во 1953 година, како и со хорот на Операта во 1956 година[1906]. И првите гостувања на *Македонската филхармонија* се поврзани со диригентството на Скаловски во 1960 година. Богатата диригентска и раководна кариера на Скаловски во Македонската филхармонија завршува во 1965 година.

Во првите години на развојот на Македонската опера, свој огромен придонес, покрај Тодор Скаловски, дале уште две големи имиња на македонското оперско пеење, солистите Павлина Апостолова Богданова и Томе Грнчаровски.

Павлина Апостолова Богданова[1907], родена во Тетово 1927 година, ја започнала својата кариера како солист на Хорот и пејачките групи на Радио Скопје. Паралелно со своето школување и усовршување, во 1949 година била примена како солист во *Македонската опера* при МНТ[1908]. Дебитирала со улогата на *Есмералда* од *Продадена невеста*, а потоа со својот сопран во идните 34 години остварила брилијантна кариера во 40 водечки улоги кои се одликувале со *продлабоченост во изразот и стремежот кон убава избалансираност на пеачката и актерската компонента*[1909].

Лирскиот тенор, *Томче Грнчаровски*[1910], роден во Тетово 1923 година, се смета за еден од најголемите музички таленти во Македонија. На оперската сцена во Скопје, дебитира во 1948 година во улогата на *Бепо* во операта *Палјачи* од Руџеро Леонкавало. Во кусата, поради болест, оперска кариера до 1955 година Грнчаровски остварил повеќе забележителни главни улоги во Македонската опера. Починал во 1960.

[1902] Истото, 190.
[1903] Драгослав Ортаков, Развојниот пат на Македонската опера, Музиката на почвата на Македонија од Атанас Бадев до денес, книга 12, МАНУ, Скопје, 2004, 174.
[1904] Истото.
[1905] Татјана Грковска, Македонска Филхармонија . . . цит. дело, 191.
[1906] Истото, 192.
[1907] Драгослав Ортаков, Развојниот пат . . . цит. дело, 221.
[1908] Истото.
[1909] Истото, 222.
[1910] Истото, 225.

Културно уметничките друштва во Тетово од 1944 до 1950 година.По завршетокот на Втората светска војна, во НР Македонија се спроведува социјалистички систем, строго контролиран од една партија со што и во областа на културата се создавале изедначени форми на културната политика.

Така појавата на првите хорови и инструментални состави веднаш по ослободувањето се израз на вистинската потреба на граѓаните за културно изразување со оглед на веќе стекнатата традиција на организиран музички живот. Набргу, општествено - политичките организации, како што се синдикатот, младината, активите на жените, а сите тие под раководство на Комунистичката партија на Македонија, го превземаат управувањето и финансирањето на сите културни аматерски друштва обединети во Културно уметнички друштва (КУД) како единствени носители на културниот и музичкиот живот[1911]. Во нивните состави делувале музички, хорски, играорни и дилетантски драмски секции. Во склопот на хоровите постоеле и солисти, дуети и трија како вокални импретатори[1912]. По некогаш во составот на КУД се среќаваат и некои други секции, како што се рецитаторската, ликовната и сл[1913].

Во 1946 година е формиран *Земски сојузна културно уметничките друштва на Македонија.* Во негова организација биле републичките смотри на КУД. Освен тоа тој покривал и дел од финансирањето на Друштвата, се до 1951 год[1914].Почетниот ентузиазам давал резултати, но тенденцијата за квантитет, односно масовно учество на работните луѓе, негативно влијаело на квалитетот. Ваквата политика на "култура по директива", вештачки одржувала некои КУД кои воопшто немале ниту квалитет, ниту компетентни луѓе за водење и организирање на хорови и инстреументални состави. Од друга страна стручните кадри кои не биле соодветно наградувани за својата професија, биле принудени да работаат во други дејности. Покрај тоа, КУД функционирале во несоодветни услови за вежбање и творење[1915].

[1911] Нова Македонија, Нашите љубителски културно уметнички групи. Скопје, 19. 05. 1946. Всушност поради појавата на повеќе музички групи и хорови по разните претпријатија институции и маала и поради потребата од подигањето на квалитетот, произлегла иницијатива од Месниот синдикален совет на Скопје за формирање на порепрезентативни културни уметнички друштва во градовите и селата низ Македонија.

[1912] Шар, Тетово, Културно-просветните друштва од Тетово пред Илинденските смотри, бр.43, 07. 07. 1949, 4.

[1913] Ваквата форма на културно организирање во почетниот период имало позитива улога во поттикнувањето на културните дејности, со оглед на тешката економска состојба, како и во формирањето, за прв пат, на музички друштва на албанската, турската и ромската народност, каде што таква традиција претходно не постоела или некои зачетоци имало во периодот на Втората светска војна.

[1914] ДАРМ, Одд. Тетово, Народен одбор на тетовска околија, ф. бр. 29, (дополнителни материјали), циркуларно писмо бр. 19 од 13. 01. 1951.

[1915] Ваквите состојби довеле до пад на квалитетот и неминовно згаснување на голем број КУД во почетокот на шеесеттите години, а некои од нив едвај опстојувале. Ваквата негативна појава ја забележале најкомпетентните лица во културата во Македонија уште во 1952 година. Имено, таа година водена е анкета со прашања поврзани за културно масовната дејност. Во нив овие лица дошле до

Во Тетово, благодарејќи на големата музичка традиција и повеќето генерации хористи и инструменталисти, успешно функционирале три македонски културно уметнички друштва, а нешто подоцна и КУД на Албанците, Турците и Ромите во градот. Во мај 1948 година формиран е ***Сојуз на културно уметничките друштва*** на град Тетово[1916]. Подоцна неговата улога ќе ја превземе Околискиот координационен одбор на Републичката културно просветна заедница[1917], кога всушност, се зголемува активноста на КУД во градот до извесен степен[1918]..

Уште во првите денови по ослободувањето, споменавме дека голем број на млади од градот се мобилизирани и истите учествувале во понатамошните борби за ослободување на Југославија. Со нив биле мобилизирани и голем број членови на некогашни хорови и инструментални состави. Сепак локалните власти, веднаш ги ангажирале останатите хористи и музичари, пред се од хоровите *Бинички* и *Кирил Пејчиновиќ*, како и новопримени помлади хористи и под заедничкото име ***Градски хор***, настапувале на првите ослободителни митинзи, на кои изведувале државни химни, револуционерни, борбени и работнички песни и сл. согласно на духот на времето. Како *Градски хор* кој по својот состав бил мешовит, се именува и во 1946 година кога настапува по повод празникот "11 октомври", во салата на кино *Братство*[1919] , кога воедно го одржува и својот последен концерт под ова име.

Градскиот хор кој функционирал незванично и по потреба на локалните власти е всушност продолжување на континуитетот на организираното хорско и инструментално делување помеѓу хорот *Бинички* до 1944 година и КУД *Иљо Антески Смок*, кој успешно ги продолжил традициите. Со оглед дека во ова КУД членувале многу претходни хористи од *Бинички*, може слободно да кажеме дека незванично, континуитетот од 1922 год. е продолжен, иако од идеолошки причини за тоа јавно не се говорело се до седумдесеттите години, кога истото е потврдено со издавање на книгата *Народни песни од Тетово*[1920], (1972г.) дека самата книга ја издава КУД *Иљо Антески Смок* по повод 50 години од формирањето на друштвото[1921].

заклучок дека друштвата доживуваат некоја криза и дека е неопходна некаква реорганизација во фузионирање, затоа што масовноста не давала квалитет и барале дополнителна едукација на диригентите и поголема материјална подршка, потоа настапи и т. н. Но наместо да дојде до извесно подобрување, состојбата на културно уметничките друштва се повеќе се влошувала.

[1916]Ова тело ги обединувало културно уметничките друштва и други културно просветни друштва со цел за нивно поголемо координирање и остварување на зацртаните цели. Овој сојуз бил член на Земскиот Сојуз на КУД. Сепак неговата цел тешко се остварувала поради тоа што Друштвата од градот повеќе се базирале на своите годишни програми. Најголемата задача која ја извршувал Градскиот сојуз е организацијата на регионалните смотри на КУД.

[1917] ДАРМ, Одд. Тетово, Народен одбор на тетовска околија, ф. бр. 29, 07-3500/ 1, 09. 04. 1959.

[1918] Истото, Народен одбор на Општина Тетово, (1945 - 1965), ф. бр. 57, АК, 31, (дополнителни материјали) ДАРМ, Одд. Тетово, КПЗ Тетово, реферат на Димче Николески.

[1919] Нова Македонија, Скопје, 12. 11. 1946.

[1920] А. Апостолски, Ј. Дамјаноски, Народни песни . . . цит. дело.

[1921] Вук Трнавски, *Граѓанин Заре Заковски*, Политика, 03. 12. 1973, 7.

Во 1950 година хорската секција на КУД *Иљо Антевски Смок* броела 97 члена, играорна 22, и музичката 19 члена[1922]. Диригенти биле Анание Поповски и Спиро Гребенаровски.

Званично ова Друштво е формирано во декември 1946 година, под името *Иљо Смок*, од страна на Местниот синдикален совет на Тетово. Од програмата на ова КУД за 1947 година дознаваме за репертоарот: за 01 мај: Песна за Гоце Делчев, Песна о пести и песна на трудот; за 09 мај: химната на ФНРЈ, Песна за Сталин; и за 02 август: Интернационалата, Песна за Гоце Делчев и Маршот на Првата македонска бригада[1923]. Во почетокот друштвото има три секции - хорска, музичка и играорна со вкупно 70 членови од кои 9 се од оркестарот. Овој оркестар секоја недела учествувал на приредбите кои ги правеле масовните организации. Веќе во 1950 год. Друштвото има и други секции како што се дилетантска, литературна но и плех музика, оркестар за народни песни и џез оркестар[1924].

Хорот на друштвото изведувал композиции од Скалоски, Прокопиев, Фирфов, Гајдов, Кочко, Бинички, Мокрањац, Христиќ, Зајц, Милоевиќ, А. Х. Николов и др[1925]. Позначајни настапи до 1950 година на ова КУД биле:1947 год. - учество на републичкиот фестивал во Битола; 1948 год. - на републичките смотри во Скопје Друштвото освојува две втори награди[1926]; гостувања во Битола и Прилеп[1927]; голем вокално-инструментален концерт во Тетово со учество на хорот, оркестарот, дует на виолина и пијано и женската играорна секција[1928]; 1949 год. - на републичкиот натпревар за хорови го освоил второто место со диригентите Спиро Гребенароски и Анание Поповски и парична награда добил и женскиот дует на Друштвото[1929].1949 год. – второ место на републичкиот натпревар во Скопје, одржани концерти во Скопје и Крагујевац, Лапово, Лукавац, Србија[1930]; 1949 год. - турнеја во Босна и

[1922] ДАРМ, Одд. Тетово, Околиски . . . цит. фонд. АК. 47, 45/115. Во 1950 год. членови на управата биле: Претседател бил Трпко Стаматовски, (јавен обвинител), потпретседател бил Благоја Јовановски (столар), втор потпретседател бил Аце Димитриевски, секретар бил Заре Закоски (службеник), пом. секретар бил Александар Николоски (службеник), благајник бил Глиша Костоски (столар), економ е Стеван Трпевски (чевлар), член бил Игно Поповски (службеник), шеф на играорната група била Мара Филиповска, шеф на музичката секција бил Јоше Илиески, шеф на хорот бил Анание Поповски, втор шеф на хор бил Спиро Гребенаровски, шеф на драмска секција, Аце Цветковски и членови на управа: Фанија Томоска, Кире Јовановски, Методија Ристовски, Андро Нацески, Андро Апостолски, Панче Димитриевски, Панта Николиќ и Ристо Ристоски.

[1923] Programata na gradskiot sindikalen horna javnite priredbi - akademiji posle oformuenjeto, приватна архива на авторот.

[1924] ДАРМ Одд. Тетово, Совет . . . цит. фонд.

[1925] Истото, Околиски . . . 47, 54/127.

[1926] Шар, КУД *Иљо Смок,* Тетово, 01 и 22. 10. 1948.

[1927] Истото, Турнеја на КУД *Иљо Смок* во Битола и Прилеп, 02. 12. 1948.

[1928] Истото, Успел концерт на КУД при МСС - Тетово, *Иљо Смок.*

[1929] Истото, На овогодишните Октомвриски фестивали во Скопје, културно – уметничките друштва од нашиот град постигнаа завидни резултат, бр 56, 27. 10. 1949, 3;

[1930] Истото.

Херцеговина[1931] (Тузла, Крека, Бановиќ.); 1950 год. - приредби се изведувани во градот, на тутунските и земјоделски работници и на работниците кои ја граделе хидроцентралата Маврово[1932]; Учество на републичкиот фестивал во Тетово[1933].

Веќе во почетокот на 1945 година се формира женскиот хор *Мара Исаевска*, со 18 членови, кој подоцна прераснува во КУД во рамките на Антифашистичкиот фронт на жените од Тетово. Во март истата година забележан е еден од првите, ако не и прв настап на ова друштво и тоа по повод "8 март", одржан на градскиот плоштад. Вкупната бројка на хористките често варирала и најмногу достигнувала до 60 членки[1934]. Во склоп на хорот се издвојувале и соло изведувачи и еден дует, а диригент на хорот бил Анание Поповски Туфек[1935].Како женски хор бил прв и повеќе години бил единствен во Македонија. Една од главните цели на КУД *Мара Исаевска*, била еманципација на жената и нејзин поголем ангажман во културата и слободните активности. Во еден статистички лист за хорови се наведува меѓу другото, дека Друштвото е оформено со цел да се издигне и развие пеачкиот талент на жените кои немаат услови за учество на друга работа во друго друштво и со чие учество преку давање на приредби на работници, армијата и граѓаните, ќе учествуваат во изградба на социјализмот[1936].

Друштвото немало свои простории, освен канцеларија каде се одржувале состаноците на управата и каде што се чувале реквизитите, униформите и носиите.

Истото настапувало најмногу во градот Тетово и Околијата и тоа по училиштата, селските задружни домови, домовите на култура, во фабричките кругови или сали, во тетовската болница и Санаториумот во Лешочкиот манастир и др. места. Освен тука свои настапи имало и низ повеќе градови на Македонија: Скопје, Гостивар, Битола, Штип, со целовечерни концерти или како учесници во хорски натпреварувања или Републички смотри на КУД од Македонија како и на просторите на поранешна Југославија. Најдобри резултати КУД *Мара Исаевска* имало на републичките смотри во 1947 година во Битола и 1948 година во Скопје, каде освоило втори награди, а во 1959 година трета награда во Македонија[1937].

[1931] ДАРМ Тетово, Одд. Тетово, Совет за просвета и култура при Околискиот народен одбор - Тетово, (1945/ 1965), АК-1.
[1932] Истото.
[1933] Нова Македонија . . . 22. , 26 и 30. 04. 1950;
[1934] ДАРМ, Одд. Тетово, НО на општина Тетово, цит. фонд.
[1935] Повеќегодишен претседател на Друштвото била Стефанка Јованоска Цепа, раководител на хорот била Иванка Закоска, кореографи биле Панта Николиќ Глумец, Симо Серафимовски Скаут а диригент Анание Поповски Туфек[1935]. Членови на претседателството на Друштвото биле: Љубица Цоникќ, Стефанка Јовановска, Рада Илијеска, Љубица Маринковиќ и др.
[1936] ДАРМ, Одд. Тетово, НО на Општина Тетово, цит. фонд., Образец КУ-7а од 1951 год.
[1937] Интересно е тоа што ова друштво Најпозната турнеја на ова Друштво е онаа од октомври 1952 год. кога истото настапувало во Приштина, К. Митровица, Ранковиќево, Крагујевац, Светозарево, Параќин,

Финансиските средства ги обезбедувало од своите настапи и поголемиот дел од Општина Тетово преку Сојузот на КУД - Тетово. Од приходите се плаќале трошоците за патувања, огрев, реквизити и најмногу за хонорарите на диригентот и кореографот.

Од увидот во расположливата документација, хорот на Друштвото негувал претежно народна музика од Тетово и тетовскиот крај како што се песните: *Голем мерак имамо, Свекрвице, Ранила Ратка,*(кои биле придружувани исклучиво со дајре)како и посебно направен музички дел со избор од македонски и албански народни песни.

КУД *Радован Цоникќ* [1938] е формиран на 13. 01. 1949 година. Негов основач е Општинскиот комитет на Народна младина на Тетово. Тоа се случило откако е донесено решение на ЦК на народната Младина на Македонија,во неколку града во НР Македонија да се формираат вакви КУД.

Бројот на членовите и секциите варирал. Во својот состав ова Друштво имало хорска, дилетантска секција и оркестар. Хорот бил мешовит и броел 80 членови[1939]. Во 1950 година Друштвото имал секции и тоа: хорска со 97 члена, играорна со 12, музичка со 21, дилетантска со 16, литературна со 5 соло пеачи и дуети со 6 членови[1940]. Веќе во 1951 година хорот броел 60 членови, а формирана е и играорна секција (машка и женска)[1941].

Ова КУД за мошне кратко време по неговото формирање постигнало извонредни резултати со хорската, дилетантската група и оркестарот. Така во октомври 1949 год.[1942] ова КУД е организатор на републички натпревар на младинските КУД од Македонија, на кој го освои првото место меѓу младинските хорови на чело со неговиот диригент Андро Апостоловски а неговиот оркестар на чело со дригентот Урбано Андреоли прво место меѓу сите оркестри во Македонија со парична награда. Истата година има свои посебни настапи во Тетово и Куманово[1943].

Ќуприја, и Лесковац. На пат заминале 46 членови на чело со диригентот Ананије Поповски Туфек и тоа хорот, играорната група, соло пеачки и дует. Во 1953 година ова друштво имало турнеа во Велес, Прилеп и Битола, а истата година учествувало во Туристичката вечер во Тетово.

[1938] Шар, Работата на новоформираното младинско културно-уметничко друштво *Радован Цоникќ,* 17. 02. 1949; септември 1949.

[1939] Истото, ноември 1949.

[1940] ДАРМ, Одд. Тетово, Совет . . . цит. фонд, 47, 44/113.

[1941] Истото,Совет . . . 44/113. Членови на управата биле: претседател е Живко Глигоровски, потпретседател е Иле Димитриевски, секретар е Душан Магденоски, благајник е Мите Митевски, шеф на дилетантската група е Диме Ристески, шеф на играорна е Илко Антески, шеф на оркестар е Илко Димоски, задолжен за приредби е Диме Ѓорѓески и Игно Попоски, за хорот Рада Живадиновиќ и Марица Петровска, за пеачка група е Владо Ефтоски, за дуети Дафинка Томеска, Диригенти Андро Апостоловски и Урбано Андреоли.

[1942] Шар, Тетово, бр 56, На овогодишните Октомвриски фестивали во Скопје, културно – уметничките друштва од нашиот град постигнаа завидни резултат, 27. 10. 1949, 3;

[1943] Истото.

Во еден документ од 1946 година се споменува и хорот *Тодор Ципоски*[1944], за кој не постојат податоци, освен дека бил финансиран од градската општина.

Во тетовската гимназија, продолжила традицијата на хорско пеење, која започнала уште во 1913 година со самото формирање на оваа школска установа во Тетово. *Гимназискиот хорДимо Гавровски Кара,* под диригентство на Ананије Поповски, настапувал на поголем бројманифестации организирани во градот [1945] . Во склопот на гимназијата работел и пионерскиот хор[1946]. Двата хора, драмската секција и оркестарот на гимназијата биле дел од Културно-уметничкото друштво при гимназијата.

5.2 СПОРТСКА И РЕКРЕАТИВНА КУЛТУРА

Во османлискиот период, во Тетово како и во цела Македонија, спортот бил во своите зачетоци. Во народот биле присутни традиционалните спортски или рекреативни игри кои немале организиран карактер. Традиционалниот спорт бил изразен преку докажувањето на силата на мажите и тоа најчесто на некои традиционални верски собири. Ваквите игри се однесувале исклучиво на мажите, кои се натпреварувале во борење, фрлање на камен, скок во далечина, примитивни гимнастички вештини и слични игри. За поорганизирани спортови се сметале пеливанството и кон крајот на турското владеење, кога во 1910 година е формирано *Соколското друштво* во Тетово.

Пеливанството е традиционален боречки спорт и има мошне долга традиција на овие простори. Како спорт постоел во Македонија уште од античко време. Пеливанството е всушност борење во слободен стил кое имало голема традиција кај муслиманското население. Сепак, во пеливанството се појавувале и Македонци, но мошне ретко. Сепак борењето како спорт се практикувало меѓу младите тетовчани и тоа најчесто се случувало на народните собири.

Периодот меѓу двете светски војни се смета за период кога се појавува и развива масовното и организирано спортување. Во Тетово најзастапени спортови, покрај гимнастиката се и фудбалот, планинарењето и скијањето. Ваквите форми на организирање давале добри резултати поради тоа што истите биле иницирани од вистински ентузиасти кои го сакале и неговале спортот и покрај големите финансиски проблеми.

По Втората светска војна, еден од политичките приоритети на социјалистичката власт била масовното спортување. Во првите години по ослободувањето, главен организатор на

[1944] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, Собрание на општина Тетово, (1944 – 1965), 14.2/3.
[1945] Шар, Тетово, Свечена академија по повод 100 годишнината од работењето на бугарскиот првоборец и поет Христо Ботев, бр.24, 13. 01. 1949, 3; Извештај за учебната 1954/55 година, Полна гимназија Кирил Пејчинович, Тетово, Тетово, 1955, 31.
[1946] Истото.

спортскиот живот е Сојузот на младите, во чии рамки се кроела политиката на развојот и се назначувале спортските раководители. Во 1947 година, формирано е спортското друштво *Шар*. Ова Друштво ги обединувало сите спортски клубови во градот: фудбалски, кошаркарски, одбојкарски, тениски, пеливански, скијачки, планинарски, стрелачки. Било формирано и гимнастичко друштво и шаховски клуб. Сите овие клубови, работеле повремено, без издвоени материјални средства и без реквизити. Одзивот на младите бил незадоволителен иако се превземани спортски курсеви за омасовување на спортовите. Голем проблем во овој период покрај наброените бил и несоодветните раководни кадри на клубовите, кои биле поставувани од политичките структури[1947].

5.2.1 СОКОЛСТВО (ГИМНАСТИКА) И СКАУТСТВО (ИЗВИДНИШТВО)

Соколството како европско движење, потекнува уште од втората половина на 19. век, чиј основач е чехословакот Масарик. Ова движење го истакнувало спортот како здрав начин на живеење и поттикнувало натпреварувачки дух, но преку него и зближување на младите и на народите воопшто. Соколството како спорт е всушност гимнастика и некои дисциплини на атлетиката.

Во периодот меѓу двете светски војни, карактеристично за соколството е што во него најмногу биле инволвирани политичките интереси на режимот на Кралството Југославија. Преку соколството, на еден модерен и атрактивен начин за тоа време, режимот сакал да ги спроведува српските национални интереси и ги демонстрирал српските национални обележја. Денационализаторската политика на соколските друштва се огледала и во тоа што истото се темелело врз национални основи, припадник на соколското друштво можел да биде, само оној кој припаѓа на некој словенски народ. Според ова тие се делеле на редовни и вонредни членови. Припадниците на Србите, Хрватите и Словенците биле редовни, а тие што потекнувале од другите словенски народи можеле да бидат вонредни членови[1948]. Сепак, се чини дека таквата пропаганда не ги остварувала целосно овие цели на тогашниот режим, затоа што подоцна ќе се покаже дека од редовите на соколите, ќе произлезат и голем број македонски национални борци, но и културни дејци кои изиграле значајна улога во изградбата

[1947]ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК – 15, 63/372. Во еден извештај за спортскиот живот во Тетово од 1949 година, меѓудругото се наведува следново: *Фискултурниот живот во нашиот град сведен е само на фудбалот. Што се пак однесува на останалите фискултурни гранки они се мртва точка оти не им се даваат важност на истите од страна на раководителите на друштвата. Одбојката, кошарката, рвањето, тенисот и другите свреме на време се појавуваат без икакви припреми пред јавноста. До денеска нашиот град дал доста курсисти за разни фискултурни гранки, но истите по завршувањето на курсот се враќаат на својата работа во предпријатијата или установата.*

[1948] Станимировиќ Душан, Основање на соколските друштва во Македонија од завршувањето на Првата светска војна до април 1923 година, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, бр. 3/1977, Скопје, 67.

на Република Македонија[1949]. Еден интересен пример на спонтаното прикажување на македонството се случил кога на соколскиот слет во Софија се сретнале тетовските соколи со Македонците од Софија со потекло од Тетово. На свечениот пречек на железничката станица во Софија откако биле интонирани химните на Југославија и Бугарија, Македонците од Тетово и нивните роднини и пријатели од Софија со големо воодушевување го заиграле македонско оро т.н. *Македонка*, а орото го повел тетовскиот сокол Брат Трпе Антески Ќафо[1950].

Соколското друштво од Тетово е едно од најстарите во Македонија, кое е формирано во 1910 година[1951], со дури 140 членови[1952]. Иницијативата за неговото формирање била на тогашниот училишен надзорник Андре Гроздановиќ од Призрен, на тетовчаните Андреа Богоевиќ и Марко Петровиќ, Ѓорѓе Божиновиќ од Куманово и др.Најголемиоттовар на организирање му припаднал на Ѓорѓе Божиновиќ. Од приложените документи се гледа дека зад организацијата на Соколските друштва во Тетово, стоела српската просветна политика, односно Просветно-политичко одделение, при министерството за надворешни работи на Кралството Србија, кое во координација со Српскиот конзулат во Скопје, меѓу другото го финансирала и Ѓорѓе Божиновиќ, српски воспитаник, кој за потребите на соколските друштва се обучувал во Ниш. За својата дејност истиот примал парични средства. За формирањето на соколските друштва му помагал и наставникот на српската гимназија во Скопје Рајко Караклаиќ[1953]. Прв претседател бил Александар Богојевиќ, а секретар, Марко Петровиќ и др.

Друштвото функционирало само една година поради започнувањето на Првата Балканска војна во 1912 година[1954]. Потоа пак за време на Кралството Србија работело до 1915 година, кога прекинало поради воените дејствија во Првата светска војна[1955].

[1949] Војо Кушевски, Појавата и развитокот на соколството во Вардарска Македонија, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, Скопје, 1975, бр.1. Во анализата на соколските друштава во Македонија, професорот Кушевски ги посочил негативните и позитивните страни на ова спортско движење. *Негативни последици: присвојување на соколството од општо словенско во српско супериорно друштво,наметнување на српската национална свест на младите, што предизвикувало и напуштање на друштвото од членовите.Позитивности: организирана форма на физичката култура, запознавањето на младите со гимнастиката и гимн. реквизити, стимулирање на хигиената, здравјето, борба против алкохолизмот, а во неговите редови се развило антифашистичкото движење.*

[1950] Чампаре, Глас Полога, Тетово, бр.121, Боравак југословенских сокола у Бугарској, 20. 07. 1935, 1.

[1951] Боро Јосифовиќ, *Соколско друштво у Тетову,* Вардар, 04. 06. 1933, 8 - 9;Војо Кушевски, *Преглед на појавата и развитокот на соколството во Вардарска Македонија*, Прилози за историјата на физичката култура на СР Македонија, Скопје, 1975, бр. 1, 51; Душан Станимировиќ, *Основање на соколските друштва во Македонија од завршувањето на Првата светска војна до април 1923 година*, Прилози за историјата . . ., Скопје, 1977, бр. 3, 53. Глас Полога, Тетово, 01. 04. 1933, 3.

[1952] Војо Д. Кушевски, Архивски податоци за првите соколски друштва во Македонија (1909 - 1911), Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, бр. 3/1977, Скопје, 130.

[1953] Истото, 115 - 131.

[1954] Савез сокола Краљевине Југославије, Просветни одбор, *Јужна Србија,* Београд, 1937, 62.

[1955] Боро Јосифовиќ, *Соколско друштво . . . цит. дело.*

Министерот за просвета Љуба Јовановиќ, уште во текот на 1913 година, испраќа во гимназиите на Јужна Србија истакнати и испробани соколски работници како наставници по гимнастика. Така во Тетово бил испратен Франтишек Вањик[1956]. Овој професор, по националност чех, дал свој забележителен придонес во развојот на физичката култура во Тетово, бидејќи истиот продолжил да работи како професор во гимназијата и како активен соколски работник и по завршетокот на Првата светска војна[1957].Во 1923 година на 20. мај свикано е собрание и било возобновено Друштвото и избрана нова управа. Со собранието раководел жупскиот соколски старешина Т. М. Живковиќ[1958]. Припадниците на соколските друштва биле поделени на неколку категории: деца: (од 6-12 години), *нараштај* (од 12 - 18 години) и членови (над 18 години)[1959].

Гимнастичарите вежбале во еден објект во близината на црквата *Св. Никола,* односно во кафеаната *Локанта*, која ја нарекувале и *Стара соколана*[1960]. Објектот, Стара соколана е користен се до 1935 година, кога градот добил голема и модерна спортска сала за потребите на соколите но и за потребите на други спортски и културни друштва[1961]. Најголемиот удел во изградбата го имале граѓаните од нивните доброволни прилози[1962].Поистакнати членови на Соколското друштво биле: Цоне Аврамовски, Саво Теофиловски, Захарије Закоски, Јован Јовановски, Ристо Ристовски, Ѓорѓи Јовиќ и др[1963].Во триесеттите години друштвото броело околу 300 членови и имало богата спортска активност. Тетовските соколи учествувале на сите позначајни регионални и меѓународни соколски слетови на Балканот и пошироко: Скопје, Куманово, Суботица, Софија, Белград, Загреб, Букурешт, Сарајево, Блед, Прага како и во повеќе градови низ Македонија.[1964]

Во редовната програма на соколите спаѓале и јавните часови на кои се презентирани гимнастичарските вештини пред тетовското граѓанство. Слични приредби соколите организирале и по селата каде што во некои од нив имале и свои секции.Во склоп на соколското друштво било формирана и женска секција, која како таква била меѓу првите во Македонија. Така на пример во 1937 година женската секција броела над 90 членови[1965].

[1956] Савез сокола Краљевине . . . цит. дело, 75.
[1957] Станимировиќ Душан, Основање на соколските . . . цит. дело, 58.
[1958] Војо Кушвски, Појавата . . . цит. дело, 57.
[1959] Истото, 67.
[1960] Според сеќавањата на Александар Гашоски, алиас Санко Чанак, (1920 - 1999) од Тетово и Драго Симовски Драгулинка, (1920 - 2010), пензионер од Тетово.
[1961] Глас Полога, бр. 258, 14. 05. 1938, 1; Боро Јосифовиќ, Соколско друштво у Тетову подиђи ће монументални дом, Правда, Београд, 21. 01. 1933.
[1962] Глас Полога, Тетово, бр. 109, 27. 04. 1935, 4; Истото, бр. 116, 15. 06. 1935, 3.
[1963] Според сеќавањата на Боро Јосифовски (1910 - 1996) од Тетово.
[1964] Боро Јосифовиќ, цит. дело.; Глас Полога, Тетово, бр. 20. 07. 1935, 3; Истото, бр. 116, 15. 06. 1935, 3; Истото, бр. 120, 13. 078. 1935, 3; Истото, бр. 171, 04. 07. 1936, 4; Истото, бр. 328, 08. 06. 1939, 2.
[1965] Истото.

Друштвото свои секции формирало и во неколку села во тетовско: Жилче, Урвич, Цепчиште, Сараќино, Милетино и т.н[1966].

Во активностите на Соколското друштво секако е вредно да се набележат и повеќе манифестации кои давале свој придонес во развојот на здравствената култура и медицината, потоа изложби и предавања во врска со спортската култура, борба против алкохолизмот и др[1967].

Формата на соколството била продолжена во периодот по Втората светска војна, кога го добива името *Партизан*, со нова идеолошка подлога, според која требало да се изградуваат млади здрави кадри кои ќе бидат способни да го градат социјализмот во Народна Република Македонија и ФНРЈ. Покрај слетовите кои редовно се одржувале во Македонија и тогашна Југославија, за одбележување е и Сесловенскиот соколски слет одржан во Прага во 1948 година, на која свое учество имале и гимнастичарите од Тетово: Цоне Аврамовски, Тихомир Петровски, Вера Аврамоска, Илија Ацески Шикла, Споасоје Крстески Паљо и Јован Апостолоски Пишман и др.[1968]

Соколството во Тетово, покрај базичните негови спортови како што се гимнастиката и атлетиката, претставувало основа и на други спортови, затоа што во ова друштво се формирани и секции како што се планинарската и скијачката.

Скаутството во Тетово се појавило во годините по Првата светска војна. Иницијатори и командири на скаутската чета биле претставници на државните чиновници и жандари, дојдени во Тетово, најчесто од Србија и Црна Гора[1969].

Сепак подмладокот на тетовската чета се состоел од младинци родени од Тетово. Нивните активности биле регулирани со правилници и статути кои биле според меѓународните норми на скаутското движење. Тетовската чета била мошне добро организирана, а младите тетовски скаути се обучувале за живот и снаоѓање во природа, посебно во планина. Таму тие поставувале свои шаторски логори, вежбале ориентција и снаоѓање во планина и шума, планинарење, скијање, гимнастички вештини, учеле за здравиот живот, исхраната во природа и т.н.Скаутската чета од Тетово, најчесто своите вежби и логорувања ги изведувале на Шар Планина, а остварувале и заеднички акции со други такви скаутски чети од Македонија и пошироко. По Втората светска војна, традициите на скаутството го продолжуваат извидниците.

[1966] Боро Јосифовиќ, *Соколско друштво* . . . цит. дело.
[1967] Истото.
[1968] Христофор Тодоров Форко, (1931 -),пензионер од Тетово, писмена изјава 30. 09. 2006 г.
[1969] Документарни извори за функционирањето на скаутската чета во Тетово, не постојат и тие ги потврдуваме од живите сведоци на тоа време и фотографиите од личната архива на Виктор Аќимовиќ, во која се прпознаваат некои членови на тетовските скаути како и локациите во Тетово и Лешочкатата тврдина и манастир каде поставиле свој логор.

5.2.2 ФУДБАЛ

Појавата на фудбалската топка во овој град ги привлекла сите љубители на спортот. Тоа се случило во 1916 година, кога првата фудбалска топка во Тетово ја донел Никифор Вочески од Истанбул[1970].

Меѓу првите кои почнале да трчаат по топка и да го запознаваат фудбалот биле учениците од тетовската гимназија: Јован Марковски, Стевица Бошњаковски, Никола Павловски Бутика, Симо Момировски, Момчило Ќирић, Захарија Закоски, Саша Поповски, Михајло Захариевски и др[1971]. *Неговото воведување како и основањето на првиот клуб – Љуботен бил објавен со барабан. Исто така долго време со барабан било повикувано граѓанството на Тетово да се запише во овој клуб. Овој начин на пропаганда на фудбалот беше многу ефектен.Многу и многу луѓе мислеа дека тоа нешто е задолжително и сите чесни граѓани, плашејќи се од казна го плаќаја членскиот влог помагајќи ги членовите. Сите натпревари и приредби биле рекламирани со помош на оптинскиот барабанџија . . .*[1972]Во правилата на фудбалската игра, првите тетовски фудбалери ги вовел Франтишек Ваник, кој дошол од Словенија и бил првиот професор по фискултура во тетовската гимназија по завршувањето на Првата светска војна.

Во учебната 1921/22 година, во склопот на гимназијата бил формирано *Фудбалско друштво на трезвената младеж*[1973]. Ова гимназиско *Фудбалско друштво на трезвената младеж* кое егзистира се до учебната 1925/26 година[1974] е дел од *СК Љуботен*, во комбинација со други младинци од градската средина[1975].

Од друга страна, покрај тетовските гимназијалци, во Тетово, фудбалската игра ја донел и Дамаскин син на Симота Сичан учител. Тој со оваа игра се запознал во Франција, во Марсеј за време на Првата светска војна, каде што истиот студирал заедно со неговата сестра Дара Сичанка. Тој воедно е и еден од првите организатори на фудбалскиот клуб *Љуботен* во 1919 год. Први фудбалери на клубот биле: Славе Ристоски Лола бек, Тоде Васоски Тупанче полутка,

---

[1970] Гојко Ефтоски, Љуботен, 1919 - 1979, Тетово, с. 15 - 16. Синот на Никифор, Киро Вочевски се сеќава: *Кога имав 10 години татко ми се враќаше од Цариград. сите се радувавме што ќе го видиме. Тој дојде. Донесе многу подароци за сите во семејството, а за мене - фудбалска топка. Навистина незнаев што да правам со неа, но не требаше многу време за да разберам дека отскокнува, дека може да се фрла со раце или да се удира со нозе. Се разбира дека она што следуваше со моите другари не беа некои организирани игри, меѓутоа, мошне често по тетовските сокаци можеа да не видат како играме „топка".*

[1971] Истото.

[1972] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, *Боро Јосифовски*, АК – 4, исечок од весник: 20 година фудбала у Тетову.

[1973] Марија Јовановиќ, Просветно – политичките *прилики во вардарска Македонија (1918 - 1929),* НИО Студентски збор, Скопје, 1983, 381.

[1974] Истото, 382.

[1975] Гојко Ефтоски, ФК Љуботен . . . цит. дело, 15.

Дамаскин како капитен центарфор, Петре Аликас лева полутка, Анѓеле Ѓуроски бек, Ќирко Будимов центархалф, Брат Цоне Аврамичин халф, Столе Димитријевиќ Ренто крило, Владо Голман, Диоген Реканецот халф, Ѓиго Дуало и др.

Фудбалскиот клуб, кој во тоа време се нарекувал Тетовски Спортски клуб (ТСК) *Љуботен* бил формиран во 1919 година, а званично се регистрирал во 1922 год[1976]. Љубиша Евчески во 1935 година изјавил дека овој клуб е формиран во 1920 година[1977].И новинарот Боро Јосифоски, кој пишувал за тоа во 1939 година се согласува со тврдењето на Евчески: *Како безимена детска игра, фудбалот беше игран по тетовските улици целата 1919 година. Вистинскиот фудбал беше воведен следната година*[1978].

За прв официјален натпревар на *Љуботен* се смета оној со ССК *Спорт* од Скопје, кој завршил со нерешен резултат 1:1[1979]. За секогаш во сеќавањата на љубителите на овој спорт во Тетово останале имињата на еден од првите состави на СК *Љуботен*: Момчило Матејевиќ, Мирко Богоевски, Косто Тасевски, Дамаскин Груевски, Столе Димитријевиќ, Цоне Аврамовски, Душко Грујиќ, Русите Александар Скурликов, Сергие Есипов и особено Константин Самарски[1980] и двајцата гостиварчани Стојановски и Митевски и др. СК *Љуботен*, како најстар фудбалски клуб, ќе ги споменеме сите негови претседатели меѓу двете светски војни: Јован Марковски, Захарије Закоски, Стевица Бошњаковски, Михајло Марковски, Славе Ристовски, Драгољуб Стајиќ, Драгутин Стојковски, Никче Гогов, Богдан Бошњаковски и Ѓоко Михајловски[1981]. Меѓу првите спортски работници во управата биле Симо Момировски адвокат, Марковски Јован доктор, Нико Гогов, женски селски терзија и др.

Во следните години во Тетово биле формирани повеќе фудбалски тимови како *Шпарта, Раднички, Уругвај, Обилиќ, Триглав, Југословен, Бистрица, Брѓанин, Соко, Олимпија, Граѓански* и др[1982]. Повеќето од нив биле регистрирани во Скопскиот фудбалски подсојуз, но по извесно време некои од нив згаснувале, поради воведување на градска такса за спортските натпреварувања и други материјални издатоци кои биле голем товар за овие тимови. Така во 1935 година функционирале само два фудбалски клуба *Љуботен* и *Бистрица,* најголемиот градски ривал, формирана 1929 година[1983]. *Тетовскиот спортски клуб (ТСК), подоцна ФК Љуботен*, претставувал еден од најаките фудбалски тимови во Македонија, односно во

[1976] Истото.
[1977] Глас Полога, Тетово, 06. 06. 1935, 2.
[1978] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, *Боро Јосифовски*, АК – 4, исечок од весник: 20 година фудбала у Тетову.
[1979] Гојко Ефтоски, ФК Љуботен . . . цит. дело, 28.
[1980] Оливера Гиченко, Без враќање, Напредок, Тетово, 2009, 50.
[1981] Гојко Ефтоски, цит. дело, 37.
[1982] Б. Јосифовић, Спортске прилике у Пологу, Правда, Београд, 30. 09 1933, 8.
[1983] Драго Симовски . . . цит. извор, 20. 03. 2000

скопскиот фудбалски потсојуз а најголеми ривали му биле тимот *Југ* од Скопје, подоцна прекрстен во *Граѓански.* (да се провери монографијата за Љуботен)

Првото фудбалско игралиште во Тетово се наоѓало на местото на денешниот *Стар стадион*. Потоа било преместено покрај Срескиот расадник (кај денешниот пазар), а во 1931 година повторно игралиштето е вратено на старото место, каде што со помош на доброволните влогови на управниот одбор на СК *Љуботен*, на граѓаните и на фудбалскиот сојуз, целото било оградено со дрвена ограда[1984]. Најзаслужен за легализацијата на фудбалското игралиште и неговата регистрација како сопственост на ФК *Љуботен*, бил тогашниот градоначелник на Тетово Орестије Крстиќ[1985]. Првиот стадион кај расадникот го нарекувале *игралиште,* на местото на денешниот стар стадион го нарекувале *на поле*.

Во нашето маало први кои купиле вистинска фудбалска топка, се всушност играчите на малскиот клуб Напредок. Тогаш сите единаесет играчи дадовме по еден динар, освен претседателот Косто Божиноски Ѓупе, кој даде 3 денари. Тогаш ние со тие пари нарачавме топка од Нови Сад, втора нумера, односно кожна топка со шнирање со помал формат прилагоден на децата. Оваа екипа во просек тогаш имал по десетина години старост. Тоа се случило околу 1929/30 год.

Јас како мало дете сум слушал и сум гледал како постарите деца играат фудбал, а веќе во тоа време, во почетокот на дваесеттите години на 20. век, во Тетово прв фудбалски клуб кој настапуваше во првенствени натпреварувања беше ТСК (Тетовски спортски клуб) Љуботен а веднаш после него и фудбалскиот клуб Спарта.

Добро се сеќавам кога спортскиот судија, тогаш нарекуван „рефер", Ќирко Ристоски Цинцар не собра на Два Бреста повеќе деца и со една работна акција го расчистувавме теренот. Тогаш головите биле направени од багремово дрво без мрежи. Фудбалскиот стадион бил ограден со дрвени тараби околу 1936/37 год. и се плаќала влезница[1986].

Најавата на натпреварите одела со најава на градскиот општински добошар[1987], а потоа се правеле плакати. Навивањето беше жестоко. На натпреварите се собирал многу народ[1988].

[1984] Глас Полога, Тетово, 01. и бр. 214 и 215, 08. 05. 1937, 12.
[1985] Ђира Ристић, Спортске прилике у Тетову, Глас Полога, Тетово, 01. и 08. 05. 1937, 12.
[1986] Драго Симовски . . . цит. извор, 20. 03. 2000.
[1987] Боро Јосифовски, Пет и по деценија фудбала у Тетову, Тетекс у другој лиги, а најстарији Љуботен у републичкој, Политика, Београд, 29. 12. 1977.
[1988] Истото. Во една прилика играјќи против Куманово, нивниот играч Балкански даде три гола, со што го предизвика бесот на некои навиачи кои не можејќи да го поднесат поразот му фрлија камен кој го погоди во глава и фудбалерот заврши во тетовскиот здравствен дом. Победите и поразите се доживувале многу емотивно. После победа, се приредувало закуска во еден до тетовските хотели и се славело. Расположените тетовчани честеле пиење и од самите навивачи кои знаеле да свират правеле вистинска

При едно гостување на Белградскиот спортски клуб БСК, дошол и еден од најдобрите фудбалери во Југославија на сите времиња Мошо Марјановиќ, автор на книгата *Хиљаду голова*[1989].

И во следните години до Втората светска војна, низ фудбалскиот клуб Љуботен поминале околу 40 фудбалери[1990].

Една од највредните победи на ТСК *Љуботен*, била онаа во 1930 година, кога овој клуб го победил директниот ривал за едно од првите места ССК, среде Скопје со резултат 3:2[1991]. Се паметат и резултатите против битолскиот *Кајмакчалан* од 14:0[1992], за *Љуботен*, потоа победата против, кумановска *Славија* од 6:0[1993] и гостиварскиот *Братство* со истиот резултат[1994]. Се разбира дека и *Љуботен* имал свои несреќни денови. Еден од најголемите порази е оној од тимот од Косовска Митровица, кога за тој тим играле неколку Англичани, кои таму работеле во рудникот *Трепча*. На тоа гостување тетовскиот клуб изгубил со резултат 2: 7[1995].

Тетово во дваесеттите години го зафаќа фудбалска еуфорија и фудбалот станува во права смисла најважната споредна работа. Покрај ФК ***Љуботен***, чие седиште било во Локанта на месноста Тумба, во триесеттите години, речиси секое тетовско маало формира своја фудбалска екипа. Овие екипи имале свои дресови со броеви, претседатели, тренери, капитени и имиња[1996]. Неколку од нив биле регистрирани, но по неколку години останале три до четири од

музичка фешта. Ако некој од домашните играчи не играл убаво, навивачите ќе му довикуваат: *Абе боклук еден ти не занеш да идеш, ане ќе играш фудбау.*

[1989] Анегдота: Кога дошол во Тетово, овој прославен фудбалер во тогашна Југославија, во Тетово на распуст биле дојдени и тетовските студенти од Белград. *Тие тогаш ги научиле тетовските навивачи, како да навиваат против него со извување на реченицата: Моше Марјановиќ, фудбалер прве класе, лопту бије као прасе.*

[1990] Во втората генерација на ФК *Љуботен* од 1922 година биле следните фудбалери: центарфор Александар Скорников, Самарски и Михаил, руски емигранти, лева спојка (полутка) бил Спиро Капче, десна полутка Владо Паштровиќ, крила лево Никола Ветероски и десно Ацо Паштровиќ, бекови Станко Славујиќ кој бил и тренер и Стеван Дафит, центархалф Круме Лешко и калфовите Сане Црниот и Борис Атко и голманот Благоја С. Илиевски Бале, Глигур Ѓинле халф, Санко Моше, полутка. Третата генерација, која настапувала кон крајот на триесеттите и почетокот на четриесеттите години била во состав: Трифун Пипа крило, Тихо Џинле центарфор, Аце Црво центархалф, Сане Црниот халф, Јованче Менча, Панче Див коњ крило, Иљо Биљбиљ полутка, Цветан Бутика бек, Иван Палав, голман, Диме Белич, Ќирко Мачур, центарфор, Трпе Џемо.

[1991] Гојко Ефтоски, Љуботен . . . цит. дело, 21. Таа победа ја реализирале: браќата Паштровиќ, Круме Лешко, Никола Ветероски, Димко Стојчески Гајтанџија, Лазо Симоски Сац и др.

[1992] Истото, 38.

[1993] Истото.

[1994] Истото, 41.

[1995] Никола Трпески (1922 -), пензионер од Тетово, изјава 14. 09. 1935, лична архива Б.С. Овој фудбалски натпревар бил, всушност првиот на Никола Трпески во дресот на ТСК *Љуботен,* Претходно истиот настапувал за ФК *Обилиќ*.

[1996] Како настануваа имињата на фудбалските екипи. Првиот клуб *Љуботен* го добил името по Шарпланинскиот врв *Љуботен*, кој поради својата маркатна позиција и импресивниот изглед, се сметало дека е највисокиот врв на оваа планина. Името требало да асоцира на високите резултати и успеси на клубот. *Спарта* асоцирала борбеност и истрајност. Токму затоа во периодот меѓу двете светски војни во

нив поради финансиски причини и преоѓале во поголемите и поуспешни екипи[1997]. Така до 1935 година во Тетово имало 6 регистрирани клуба [1998] . Другите екипи биле [1999] : ***Шпарта***[2000](регистриран) од месноста Тумба и Јајчароо мало, ***Напредок***[2001] од Два Бреста, ***Триглав***[2002] (регистриран) од Горно Маало со седиште во кафеаната на Санета Богданов, ***Краљево Брдо*** од маалото Колтук со седиште кај Божина, ***Олимпија***[2003] од Јајчароо маало, ***Соко***[2004] од Пефчина, ***Зета***[2005] од маалото Певчина, ***Уругвај***[2006] кај месноста Стаматоа Чешма,

---

Македонија имало неколку клубови со такво име, а во Тетово и локалните Турци нивниот клуб го нарекле *Шпарта*. Екипата ФК *Шпарта* од маалото Тумба, била регистрирана екипа од 1932, а потоа неговите играчи станале дел од ТСК *Љуботен*. На името *Напредок* кумувал Драго Симовски, кој се спротивставил на истиот странски израз *Прогрес*, кој го предлагале другите играчи на екипата. Името *Триглав* е по предлог на Станко Славујиќ, капитен и тренер на екипата, кој по потекло бил од Словенија. Оваа екипа во еден период била регистрирана. Екипата *Кралево брдо* е наречена по тетовското кале на чие подножје се наоѓа највисокото маало во градот наречено Колтук, каде е формирана оваа екипа. Кумот на овој фудбалски тим бил Богдан Игоски Буза, негов капитен и тренер. Името *Олимпија*, го предложил како меѓународен назив, Борис Настоски Моне. Името *Соко* е асоцијација на птицата сокол и висините кои ги достигнува. Кумот бил Симо Серафимовски Скаут. Името *Зета*, го дал Лазо Стамбоулија, капитенот и тренерот на екипата, кој работел претходно во Црна Гора со големо продажба на сол, со што името било поврзано со него. Името на екипата *Уругвај* го дал Иљо Антески Смок. Тоа име асоцирало на тогашниот светски шампион, репрезентацијата на Уругвај. Името *Обилиќ* асоцирал на српскиот косовки јунак Милош Обилиќ, а името го дал Ѓоко Михајловски Чампаре. Името *Звезда* го дал Бошко Анчески, капитен и спонзор на екипата. Екипата *Трговачки* го добила името по бакалницата и фурната, каде се собирала екипата, пред куќата на Томе Голубарот. На екипата *Слобода*, името и го дал Д'ме Калајџија кој воедно бил и капитен и спонзор на екипата. Екипата *Бистрица* го носела името според едно од четирите имиња на оваа река, *Тетовска Бистрица*. Кумот на оваа екипа бил Младен Дабевски, претседател, капитен и спонзор на екипата. Екипата *Југословен*, го добила името од предлогот на еден фудбалер на екипата, Михајло, син на жандармериски наредник Вуица Периќ со потекло од Србија или Црна Гора.Името на екипата *Раднички* ја дал Панта Николиќ, тренер и претседател на клубот кој бил составен од работници.

[1997] Б. Јосифовиќ, Спортске прилике . . . цит. дело.

[1998] Глас Пологa, Тетово, бр. 119, 06. 07 1935, 4; Истото, бр. 121, 20. 07. 1935, 4.

[1999] Сите состави на екипите се според сеќавањата на Драго Симовски Драгулинка, 20. 03. 2000. Некои имиња се повторуваат во две екипи, затоа што по некогаш, некои од нив преоѓале во друга екипа.

[2000] Фудбалери на оваа екипа биле: Димко Црниот Гајтанџија – центарфор и капитен, Гаљо Немиот – голман, Никола Ветер – лево крило, Sape Шабан, Тоде Јајчар, Ќирко Будимов, Ќирко Бизмарк, Брат Џоне и др.

[2001] Капитен на екипата *Напредок*, формирана 1930 година и центарфор бил Томче Грнчароски - бек, Коле Гугувче – центархалф или лева спојка, Борче Алач – десна спојка, Иљо Баубиљ – лево крило, Трпе Мечка – десно крило, Симо Чанта – голман, Иван Палав – голман, Андре Шварц – десен бек, Панче Џуну – центархалф, Славе Настоски Раќо – леф халф, Драго Симовски – десен халф, Љубе Ѓего, Стеван и др.

[2002] *Триглав*формиран 1930 год.: бекови – Драган Арко и Борис од Најдота Воденчар, центарфор – Санко Цанџук, центархалф – Филько Призренец, Славујиќ Станко - капитен на екипата, лев халф Миле (Богдан) Призренче, десен халф – Ѓоце Симитчија, десно крило Арнаќија, голман – Борис Шеменко. Сите живееле во Горно маало. Претседател и спонзор на клубот бил Мито Серафимовски Кашица. Околу 1935 година, тетовскиот фудбалски клуб *Триглав*, победил на гостувањето во Гостивар против тамошниот клуб *Железничар* и по завршувањето на натпреварот, игарчите качени на федерна запрежна кола, поминале меѓу стативите низ голот (тогаш немало мрежи на головите), како низ триумфална капија. Поради ова тетовските фудбалери биле наградени од гостиварските навивачи со дожд од зрели домати во кој имало камчиња.

[2003] ФК *Олимпија* од Јајчароо маало се претопила во ФК *Бистрица*. Некои од фудбалерите на овој клуб биле: Борис Настоски Моне, Боро Амлњ, Пуре Јефтиноќа и др.

[2004] ФК *Соко*: Крсто Тиквар – голман, Лазо Стамбоулија – центарфор, Перица Стамбоулија – лево крило, Бранко Нонески – лева спојка, Ќире Виљушка – десна спојка, Иван Татар – десен халф, Стево Мирчески – десно крило, Драган Штерјоски М'скарот – десен халф и Живко Стамбоулија.

Обилиќ[2007] (регистриран) од Чапчакоо сокаче, ***Брѓанин***[2008] од маалото Поток, ***Звезда***[2009] од маалото Мала Станица, ***Трговачки***[2010] (регистриран) од брезјанско маало, ***Слобода*** од малото Доу - Тумба, ***Бистрица***[2011] (регистран) од Долно Маало, ***Југословен***[2012](регистриран) формиран од фудбалери кои живееле кај Амамот, градското купатило. Сите овие клубови биле македонски и еден имало турски кој се викал ***Спарта***[2013] (регистриран). Работниците од тетовската Тутунска станица Монопол, се организирале во фудбалската екипа ***Раднички***[2014](регистриран), составен од работниците на *Монопол*.Фудбалскиот клуб ***Спорт*** бил клуб на младите од *Брезјанско маало* и *Стара Бања*[2015].

Со текот на времето во втората половина на триесеттите години најквалитетните играчи од овие екипи, главно се концентрирале во *Љуботен* и *Бистрица.* Најголемиот градски ривал на СК *Љуботен*, СК *Бистрица*, бил формиран од составите на некогашните тетовски маалски фудбалски клубови во 1935 година. Основачи на СК *Бистрица* биле ситните занаетчии и работници, додека зад СК *Љуботен* стоеле градот и тетовската чаршија, како што се вели во монографијата на овој клуб. А таму се вели дека ниту еден натпревар меѓу овие два ривали не поминал без инциденти. Сето тоа, колку изгледало негативно толку го зголемувало интересот за фудбалот. Во управата на СК *Бистрица* се назначени видни граѓани иако клубот го подржувале ситните занаетчии од градот. Така претседател на клубот бил д-р. Ристо

[2005] Капитен на *Зета*, формирана 1931 година, бил Лазо Стамбоулија – центарфор, Перица Стамбоулија – десно крило, Ќирко Угриноски – лева спојка, Крсто Тиквар – голман, Крсто Ѓерман - десна полутка, Спасен Стамбоулија - лево крило и капитен, Стево Мирчески – десен халф, Крсто Ајро – лев халф, Спиро Топорко и Томо Топорко.

[2006]Капитен на ФК *Уругвај,*формирана 1930 година, бил Иљо Антесвски Смок - центархалф, Иван Зузу и Младен Тиквар во напад, Благуњ Бамбум, Перац (татко на Гавро), Иљко Суцо, Трпе Крекре – голман, Тањаман – голман, Ненче и др.

[2007] Во клубот *Обилиќ*, формиран 1937 година играле: Ѓоко Михајлоски М'срка, Коле Трпковски, Младен Бошко и др. Претседател на клубот бил д-р Јосип Ковач. (Глас Полога, бр. 206, 06. 03. 1937)

[2008] Во СК. *Брѓанин,* формиран 1932 година, играле: Гиче и Христе Калајџија – десен бек, Младен Бошкоски и Спире Апче – лев бек, Ќицан – голман, Трпуш Л'жго Дамјаноски – центархалф, Благуњ Мијов – десен халф, Пано Ќибар – лев халф, Петрика – центарфор, Сане Моше – лева спојка, Петре Симицијa – десно крило, Атанас Чукала – лево крило.

[2009] Од *Звезда*, формирана 1932 година, познати фудбалери биле: Бошко Николоски – бек, Симчески Славе, Боро Зевс, Славе Трпески, двајца Роми, едниот Амит - бек, вториот Барија -крило, на кои не им се знаат имињата.

[2010] Трговачки се среќава и во званични натпреварувања во 1937 година, кога во Скопје играл со домаќинот *Цар Лазар* нерешено 4: 4. (Време, Београд, 05. 01. 1937, 7)

[2011] Во овој состав биле: Гашо Тањаман – голман, Борис Шатка Јовановски – бек, Младен Дабевски, Божидар Ракицијa – бек, Боре Цуну и Младен Ѓени – центархалф, Паскал Црниот – десен халф, Ќирко Штакле – десен халф, Ќирко Мачурче - центарфор, Борис Моне – лева спојка, Иван Раќо – десна спојка (бил и скијач и планинар), Богдан Буза – десно крило, Боре Амле – лево крило.

[2012] Глас Полога, Тетово, бр. 121, 20. 07. 1935, 4. *Југословен* бил регистриран фудбалски клуб по иницијатива од постари фудбалери. Во управата биле Жика Миљковиќ, Спиро Ветер, Василие Томоски, Стеван Спасоски, К. Стефаноски и др. Играчите биле од поранешните состави на Шпарта и Раднички.

[2013] Голман на *Спарта* бил Сатки, Цеваир или Цевдет – центарфор, Алил Картал – десна спојка, Нади – лева спојка, Рами, Нецбедин – лево крило, Бируш – центархалф, Абдираман Треси и Иса Треси– бекови и др. Седиштето им било во центар на градот, каде што и живееле.

[2014] *Раднички* е формиран во 1935 година и во него меѓу другите играле: Пано Опан, Стеван Манчула, Крсто Тиквар, Сане Цанцук и др.

[2015]Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 05. 2007.

Ѓорѓески, а членови на претседателството биле: Ристо Здравев (претприемач), Аце Апостолски Пишман (шеф на тетовската трошарина), Ристо Ѓорѓевиќ (општински референт), Андро Ристовски-Ѓупе (адвокат приправник), Ќиро Спириќ (благајник), Петар Серафимовски (службеник), Боро Стефановски (градинар), Душан Јовановски (благајник во општина Групчин), Јован Мисески (кројач), Владан Дојчиновски, Цене Антевски (графичар). Капитен на екипата бил Младен Дабески[2016].

После војната овој клуб се именувал како *Работник*[2017]. Дел од овие маалски фудбалски екипи со својата традиција продолжиле да опстојуваат до педесеттите години на 20. век[2018].

Меѓу првите фудбалски судии - рефери бил Ќирко Ристоски Цинцар, потоа Слободан Ѓорѓевиќ - учител, потоа Станко Славујиќ, Борис Атко, Александар Паштровиќ и др.

По Втората светска војна екипата на *Љуботен*, поради одлуки на локалните политички фактори неколку пати го менува и го враќа името, за да конечно од 1951 година за секогаш да го врати старото име. Името на два пати името му е променето во *Шар* и два пати му е враќано старото име *Љуботен*[2019]. Во периодот од 1945 до 1950 година, во ФК *Љуботен* играле некои од предвоените фудбалери, но имало и претставници на новите генерации тетовски фудбалери[2020], кои успеале клубот два пати да го донесат до финалето на македонскиот куп, од кои во 1948 година, под името *Шар* го освојува и купот[2021]. За жал, поради немање на финансиски средства, оваа екипа не отишла во Титоград да игра во југословенското осминафинале, по што натпреварот го изгубила со службен резултат од 3:0[2022].

5.2.3 ПЛАНИНАРЕЊЕ

Спортистите и љубителите на планината во Тетово отсекогаш го свртувале својот поглед кон Шар Планина, која давала прекрасни можности, не само за стопанисување, туку и за развој на туризмот и спортот. Меѓутоа, можностите за планинарење во турскиот период биле мошне мали, пред се поради разбојничките банди кои доаѓале од Албанија.

Мора да се каже дека вистинското внимание кон Шара први го свртеле странските научници, авантуристи и планинари, војници и др.. Најстарите записи за искачувањето на

[2016] Глас Полога, Тетово, бр. 119, 06. 07. 1935, 4.
[2017] Радослав Меновски, цит. извор, 26. 07. 2010.
[2018] Истото. Радослав Меновски, по војната играл фудбал во малската екипа од *Мала Станица, Звезда.*
[2019] Гојко Ефтоски, цит. дело, 39 – 41.
[2020] Истото, 43. Во овој период, меѓу оние кои играа во ФК *Љуботен* биле: Живко Стаматовски, Миле Марковиќ, Трпе Серафимовски, Никола Трпевски, Душко Стефчевски, Трифун Јовановски, Тихо Цинлевски, Таир Осман, Михајло Гашевски, Пано Пановски, Душко Дојчиновски, Сандро Ѓорѓевски, Бацо Адил, Васко Давидовски, Мино Кузмановски, Ацо Гоговски, Борис Триштик и др. Како најдобар фудбалер на оваа генерација новинските коментари го истакнувале Осман Таир.
[2021] Истото, 45 – 46.
[2022] Истото.

планинските врвови на Шара, датираат од триесеттите години на 19. век од страна на европските патеписци и истражувачи Ами Буе и Гризебах[2023]. Според сеќавањата на еден од најстарите планинари од Тетово, Кочо Богојевиќ, кој слушал од постарите сограѓани, уште во 19 век имало инцидентни посети на нелолку врвови на Шара заради планинарење и љубопитност. Се памети дека една тогашна група трговци и сточари, во придружба на сејмени, ги посетувале врвовите Љуботен (кој тогаш се сметал за највисок врв), Пири Бег, Црн Врв, Карариколица, Мал и Голем Турчин (Титов Врв) и др[2024]. Овие посети во тоа време кај населението се сметале за вистински големи подвизи и авантури, па затоа се прераскажувале од колено на колено.

Вистински поттик за планинарењето како организиран облик на рекреација и физичка активност која е во идеален сооднос со природата ја дал шумскиот инжинер Орестие Крстиќ, кој како шеф на *Шумската управа* во Тетово, во 1924 година пошироко ги запознал граѓаните со планинарството и скијањето[2025]. Како француски студент тој и неговата жена Зора, дипломиран агроном во Франција имале можност поподробно да се запознаат и да се занимаваат со овие спортови. По доаѓањето во Тетово тие брзо се запознале со убавините на Шара, Бистра и Кораб, како и со Беласица, Баба и други планини во Македонија. Овие двајца ентузијасти го популарирале овој спорт и преку тогашните весници. Од 1925 година во редовните планинарски тури им се приклучувале и повеќе љубители на планината од Тетово и Скопје[2026]. За тој период, Ѓурица Крстиќ, син на Орестије, меѓу другото вели: "*Кога бевме во Тетово не поминуваа ни две недели а да не се организира поход или на Љуботен или Попова Шапка и тука имаме многу фотографии со имиња на луѓето на кои тој им беше водич*"[2027]. Првите планинари од Тетово, станале и првите скијачи од тој град и основачи на првото планинарско друштво кое како нерегистрирано го носело името *Љуботен*[2028].

[2023] Интересот на странските истражувачи за една од најубавите планини во Европа не престанал низ следните децении, како и јиз целиот XX век. Но во 1883 година на врвот Љуботен се искачиле и четворица Љубопитници: Рускиот конзул во Македонија и Косово Иван Јастребов, и неговата придружба, Петар Костиќ, професор во српската гимназија во Солун и во други училишта, Игуменот на манастирот Св. Марко, Петроније, и попот Никола Никшиќ. Види: Петар Костић, Европски конзули у Призрену, Јужни Преглед, бр. 6, Скопље, 1928, 245 - 251. Во 1890 година на врвот од овој шарпланински масив се искачиле српските научници Јован Цвијиќ, Ј. М. Жујовиќ, Јеврем Жујовиќ и Драгутин Петровиќ. Во 1899 година тоа го сторил научникот К. Остриш,

[2024] Реферат на Кочо Богојевиќ од 25-годишнината на планинарењето во Тетово од 04. 03. 1950 год. (Приватна архива Диме Ѓорчески Чауш).

[2025] Истото.

[2026] Истото.

[2027] Интервју од 08. 09. 2007, Ѓурица Крстиќ, (1924 -),филолог во пензија од Белград, син на Орестије Крстиќ. (Приватна архива - Бранислав Светозаревиќ)

[2028] Оргинални документи на Планинарското друштво не се сочувани. Според сеќавањата на Кочо Богојевиќ и други пионери на планинарењето првото планинарско друштво е формирано во 1925 година под името *Љуботен*. Ѓурица Крстиќ тврди дека неговиот татко Орестије Крстиќ го формирал Планинарското друштво *Југ*. Весникот *Глас Пологa*, ни дава информации за постоење на тетовската секцијата на Планинарското друштво *Југ*, со седиште во Скопје, и неговиот претседател Орестије

Легендата на тетовското ланинарење и еден од основачите на Друштвото, Кочо Богојевиќ во своите пишани сеќавања од 1969 година ни ги пренесува деталите на тие историски моменти:

Во 1924 година за шеф на Шумска управа доваѓа во Тетово Орестије Крстиќ со неговата жена. Он порано бил во Француска каде студирал шумарство а покасно и во Швајцарска студирал. Тамо за прв пат имал прилика да се запознае со смучарството. Неговото доваѓање во Тетово, шетајќи ја Попова Шапка како шумар ги приметува смучарските терени а посебно на Шапка. Пред тоа започнал и да го пропагира смучарството и планинарството. По негова иницијатива во 1925 година околу март месец е одржан прв состанок за формирање на планинарско друштво на кое веднаш му е дадено името "Љуботен". Он постанал и претседател на друштвото. По негоа иницијатива е обезбедено средства од кредити од скопската област и е изградена пл. куќа на Љуботен. Од тогај почнавме некои планинари да одиме по Ш. Планина.

Првата управа била: Орестије Крстиќ како претседател, Кочо Богојевиќ - секретар, Богосав Божиновиќ - благајник, Цоне Аврамовски, - - - - - - - - - - рус, архивар во Собрание Тетово. 1926 год. Орестије Крстиќ отиде во Скопје. На негово место Прв почнал да смуча Орестије Крстиќ во 1926 а потоа Никола Коларот, Александар Мошо идр. Со доваѓањето на апотекарот Жика Миљковиќ во 1926 год. и се ожени за тетовката Пегори Катијано[2029] *он станува за претседател на друштвото бидејќи Орестије отиде во Скопје . . .*[2030]

По извесно време, во 1927 година[2031] како нерегистрирано ова друштво влегло во состав, односно секција на Туристичкото планинарско друштво *Југ*[2032], со седиште во Скопје. Од 1934 година[2033] оваа секција се осамостоила во посебно планинарско друштво именувано

Крстиќ. Во 1934/1935 година тетовската секција на *Југ* се издвојува, во посебно планинарско друштво под името *Шар Планина*. Со оглед на фактот дека веќе во Качаник било регистрирано едно планинарско друштво под името *Љуботен*, се претпоставува дека поради тоа тетовското планинарско друштво е наречено *Шар Планина*. Во секој случај, без оглед на промените на името и статусот , во ова планинарско друштво, континуирано членувале истите планинари, кои и по Втората Светска војна го обновуваат истото и го нарекле *Љуботен*, како што впрочем било првото негово име, кое како такво функционира до денешен ден.

[2029] Пегруј Кандикјан, ќерка на аптекарот Татеос Кандикјан.

[2030] ДАРМ, Одд. Тетово, Мирчо Савоски, АК - 1, Појава и развој на смучарството по искажувањето на Кочо Богојевиќ и Нуриман Велиу.

[2031] Мирче Савоски, Развојот на скијањето во Вардарска Македонија од 1919 - 1957, ИНИ, Скопје, 2002, 40.

[2032] Орестије Крстић, Туризам, Споменица двадесетопетогодишњице Јужне Србије, Скопље, 1937, 735; Б. Арсић, Значај туризма за Јужну Србију, Скопље, 1935, 14.

[2033] Глас Пологa, Освећење Туристичког дома на Шари, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.

како *Шар Планина*, најверојатно поради веќе истовремено регистрираното друштво *Љуботен* од Качаник, кое исто така било секција на Туристичкото друштво *Југ,* од Скопје[2034].

Вистински подем во планинарењето на Шар Планина, поттикнува планинарскиот дом на Попова Шапка. Средствата за изградба на домот биле од тогашната власт, но и од доброволните прилози од граѓаните кое ги збирало тетовското друштво[2035].

Кога ме викнаа планинарите да им се придружам на скопјаните и да ги одведам на Попова Шапка за да бараат место каде ќе се гради дом, јас на тоа се сложив. Кога тргнавме беше рано сабајле. На местото каде денеска е хотел "Попова Шапка" имаше рамно место, а од лево имаше карпа од каде извираше голема количина на вода и тука беше одредено место за градба на планинарско домче. Одкако се изгради домчето во 1934 година за прв домар беше поставен кондурација од Тетово (Гаљо Кондурација - Б. С.). *Во 1936 година година за домар во домчето беше поставен хотелиер од Скопје и во тој период домчето беше проширено на два спрата.*

Со домот раководеше Планинарското друштво од Скопје "Јужна Србија[2036]". После тоа за домар беше поставен Грк од Скопје. Откако тој го напушти домот, за време на војната, во 1943 година истиот беше запален и ограбен од страна на балистите[2037].

Планинарското друштво во својот состав имало скијачка секција, која е формирана во 1929 година[2038], па планинарите во исто време биле преку зима и скијачи. Таа година во Тетово се вратил на служба како Претседател на Градското поглаварство, Орестије Крстиќ и тоа влијаело мошне позитивно врз развојот на планинарењето и скијањето во градот.

Значаен фактор за развојот на Попова Шапка како скијачки центар е и интересот на скопските планинари и скијачи за овој центар, и нивната заедничка соработка со тетовските планинари и скијачи. Првите контакти се направени околу 1931 година а за тоа голема заслуга има и Слободан Ѓорѓевиќ[2039].

[2034] Орестије Крстиќ, цит. дело, 736.
[2035] Јовица Божиновски, Планинарски клуб *Љуботен* - Тетово 1925 - 2005, од почетоците до денес . . . ПК Љуботен, Тетово, 2005, 1.
[2036] Се работи за Туристичко - планинарското друштво *Југ* од Скопје.
[2037] Истото. Изјава на Никола Коларот.
[2038] ДАРМ , Одд. Тетово, Мирчо Савоски, цит. фонд. Изјава на Кочо Богојевиќ од 1969 год.
[2039] Истото, Изјава на Слободан Ѓорѓевиќ: *Моето доаѓање на служба во Тетово беше во месец септември 1930 година. Работата* на (Слободан Ѓорѓевиќ - Б. С.) *на планинарењето и скијањето почнува во 1931 година. Бидејќи завршив училиште во Скопје и имав голем круг на другари од Скопје кои се интересираа уште во тоа време за планинарството, па останав во контакт и понатаму со нив. Секако, додека се уште бев во Скопје доаѓавме да планинариме на Шар Планина (Љуботен), кој како истакнат врв не привлекуваше сите кои ја сакавме природата. Со доаѓањето во Тетово во самото подножје на Шара, ја зголеми мојата активност, прво со другарите од Скопје а и со новостекнатите пријатели од Тетово. Во прво време покрај Љуботен одевме и на планината Бистра . . . Така во 1931*

ПД *Шар Планина*, ги проширило своите активности како туристичко друштво под истото име и организирало туристички екскурзии во западниот дел на Македоинија, престој на Охридското Езеро, посета на Шар Планина и манастирите во Косово. Во 1938 година ова друштво започнало со изградба и на пливачки базен и бања покрај реката Пена во близина на Тетово[2040], но поради недостаток на финансиски средства, овој проект не бил довршен. Како претседател на друштвото *Шар Планина* во 1934 година бил Душко Манојловиќ[2041], потполковник во пензија, а од 1937, собранието го избрало Томо Гиновски.

Преку летата во планинарењето се вклучувале се повеќе студенти кои за време на распустот доаѓале дома во Тетово, како и се повеќе планинари од Скопје, Белград и од други места на Македонија.

Во триесеттите години на 20 век, планинарски тури и излети во Тетово, освен првото планинарско друштво, организирале и Планинарската секција при Соколското друштво на чело со Цоне Аврамовски, тетовската гимназија, Занаетчиското здружение, трговската младина и др[2042]. Овие планинарски тури и излети најчесто се правеле до планинарскиот дом и врвот Љуботен, Попова Шапка и по долината на реката Пена. Во втората половина на 30-тите години на 20. век, организирано се работело и на маркирање на планинарските стази.

Меѓу првите планинари во Тетово се сметаат: Орестије Крстиќ, Кочо Богојевиќ, Диме Јовановски Флејта, Никола Штејн, Радован Цониќ, Иљо Антески Смок, Никола Николоски Коларот, Жика Миљковиќ, Томче Симка, Цоне Аврамовски, Ќирко Трпевски, Александар Исаески Мошо и др[2043].

Меѓу тетовските планинари имало големи ентузијасти кои правеле вистински подвизи. Таков е примерот на тогашните тетовски матуранти и планинари, Иљо Антевски Смок, Радован Цониќ и Боро Џинле, кои во јули 1939 година пошле на планинарење и пешачење на еден долг и интересен пат: Тетово - Скопје - Урошевац - Приштина - Пеќ -Андријевица -

---

година на Божиќ, се договоривме со другарите од Скопје да одиме на повеќе денови на Бистра. Тие денови беа сончеви така што целиот масив на Шара се појави пред нас како планина од бајките со своите пространи терени и добриот снег. На Шапка, каде сега се наоѓа станицата - жичарата, беа три објекти (бачила) каде што тој ден привремено се сместивме. Низ Шара нашите скии за првпат го засекоа снегот, тоа беше во месец јануари 1932 година. При заоѓањето на сонцето се вративме во Лисец и преспавме во училницата на училиштето кај домаќинот - учител Јанко. Групата ја сочинувале: инжинерот Брана Протиќ, браќата Радовиќ, браќата Рајковиќ, Драган Спасиќ, Гога Попов, Панче од Скопје и Слободан Ѓорѓевиќ, Круме Лешков, Цоне Аврамовски од Тетово, Христивое Вукомановиќ.

[2040] Глас Полога, Тетово, Главна годишња скупштина Планинарског друштва *Шар Планина*, бр. 264, 16. 04. 1938, 3.

[2041] Истото, Освеќење туристичког дома на Шари, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.

[2042] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски . . . цит. дело, 157.

[2043] Реферат на Ганчо Трајковски по повод 70 - годишнината од формирањето на ПК *Љуботен*, Тетово, 1955; Реферат на Кочо Богојевиќ, цит. дело.

Подгорица - Цетиње - Будва - Котор - Пераст - Дубровник - Сплит - Сарајево - Ужице - Чачак - Кралево - Митровица - Скопје - Тетово, поминувајќи при тоа над две илјади километри[2044].

Во периодот од 1934 до 1941 година од страна на членовите на Планинарското друштво *Шар Планина* или предходно *Љуботен*, е посетена цела Шара, сите нејзини врвови и планински езера. Најзначајните планинарски посети се на Попова Шапка, а од таму на Јелак, Лешница, Караникола, Церипашина, Турчин, Боговињско езеро, Кобилица, потоа Љуботен со Ливадичко езеро, Пирибег и др[2045].

Втората светска војна ги сопрела планинарските активности, а домовите на Попова Шапка и Голгота биле сосема уништени. Некои од планинарите се вклучија во НОВ, со што дадоа свој драгоцен придонес за ослободувањето на Тетово и Македонија од фашистичката окупација.

По завршувањето на војната, започнала обновата на земјата. Копнежот на тетовските планинари за планинарење и љубовта кон Шар Планина, мошне брзо ги мобилизира и со голем ентузијазам се започнува со обновување на домовите. Уште во 1945 година, на Попова Шапка се возобновува стариот дом и започнува изградбата на нов планинарски дом со 250 кревети[2046]. Возобновен е и Домот на Љуботен[2047].

Во 1947 година на Попова Шапка е одржано Собрание на кое е возобновено Планинарското друштво на кое му е вратено првобитното име *Љуботен,* кое датира уште од 1925 година[2048]. Планинарските акции повторно се возобновиле и тие добиле уште помасовен карактер со јавните повици и истакнување на плакати низ градот. Во периодот од 1947 до 1950 година се возобновуваат најатрактивните планинарски тури на потегот Тетово - Попова Шапка - Јелак - Церипашина - Вакув - Попова Шапка. Потоа планинарската тура од Љуботен до Попова Шапка, преку Пирибег, Три Воде, Кобилаца и Јелак. Во тој период се организираат и првите зимски искачувања на врвовите околу Попова Шапка[2049].

Планинарското друштво *Љуботен*, поради силната традиција кај Тетовчаните, добило голема општествена подршка. Тоа ги добило на стопанисување, Планинарскиот дом на Попова Шапка, и другите новонастанати и возобновени домови на Шар Планина[2050]. Благодарејќи на големата посветеност на нејзиниот претседател Стојан Ѓорчевски и некои членови, ПД

[2044] Боро Јосифовиќ, Пешице кроз пет бановина, Вардар, Скопље, 14. 06. 1932.
[2045] Јовица Божиновски, цит. дело; Бора Јосифовиќ, Док су врхови још покривени дебелим слојем снега, у Карањиколичком језеру на висоравни Шаре купају се туристи, Време, Београд, 02. 07. 1935.
[2046] Боро Јосифовски, Политика, Београд, 1946.
[2047] Истото.
[2048] Јовица Божиновски, цит. дело, 2.
[2049] Истото.
[2050] ДАРМ, Одд. Тетово, Младинско фискултурно друштво *Љуботен*, Тетово.

Љуботен, играл значајна улога во развојот на Попова Шапка во македонскиот туризам во првите години по ослободувањето.

5.2.4 СКИЈАЊЕ

Развојот на скијањето во Тетово бил тесно поврзан со развојот на планинарењето, затоа што тетовските планинари биле и првите скијачи[2051]. Дури скијањето одело со уште поголема динамика на развој.

Првите инструкции по скијање во Тетово ги давал Орестије Крстиќ уште во 1924/25, кој, како што и претходно беше кажано, овој спорт го научил додека бил на студии во Франција[2052]. Први тетовчани кои учат скијање од Орестије се Никола Николоски Коларот Радослав од Горно Маало, и Александар Исаески Мошо, Диме Јовановски Флејта[2053].

Во зимата 1926 година започнале помасовните обиди за скијање и тоа во близината на Тетово во месностите Теќе, Поток и Балтепе и Гајрански ливаде[2054]. Таа година се одржал и првиот "биатлон" низ улиците во центарот на градот[2055].

Во 1927 година, група тетовски и скопски планинари и скијачи ги откриваат непрегледните терени за скијање на Попова Шапка кои давале можност за неограничени можности во зимските спортови[2056]. Долги години се до почетокот на шеесеттите години на 20. век на Попова Шапка се одело пешки или со коњи и тоа на релацијата: црква *Св. Богородица* – Бањиче – Гајре – покрај Шипковица, Лисец – Голгота – Попова Шапка[2057].

Откако Орестије Крстиќ се вратил во Тетово во 1929 година со својата нова функција како Претседател на Градското поглаварство, во склопот на Планинарското друштво *Љуботен*, (кое најверојатно веќе и самото постанало секција на Планинарското друштво *Југ* од Скопје) формирана е првата скијачка секција[2058].

Еден од првите тетовски скијачи, Цоне Аврамовски, во 1930 година посетил курс за скијање во Словенија, па во 1932 година започнал со организирани форми на ова спортување,

---

[2051] Мирчо Савоски, цит. дело, 40.
[2052] Кочо Богојевиќ, цит. дело.
[2053] ДАРМ, Одд. Тетово, Мирчо Савоски , Интервју на Кочо Богојевиќ . . . . цит. фонд.
[2054] Истото; Глас Пологa, Тетово, бр. 98, 09. 02. 1935, 3.
[2055] Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, 60 години скијање во Тетово, Полог, Тетово, 1986.
[2056] Боро Јосифовиќ, Скијање на Шари већ је отпочело, Вардар, Скопље, 14. 11. 1933.
[2057] Драго Симовски . . . цит. извор, 12. 03. 2007.
[2058] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. Мирчо Савовски, АК – 2, (несреден), Изјава на Кочо Богојевиќ од 1964 година.

формирајќи скијачка секција при Соколското друштво во градот[2059]. Со тоа во Тетово, скијањето добило организиран и помасовен карактер.

Меѓу првите скијачи во Тетово кои подоцнежните години ја претставувале основата на тетовското и македонското скијање, покрај Џоне Аврамовски биле и: Никола Николовски Коларот, Александар Николовски, Владо Лешкоски, Никола Ѓорѓевиќ, Микле Најденовски, Диме Јовановски Флејта, Никола Штејн, Ристо Ристовски, Иљо Антевски Смок, Александар Исаески Мошо, Александар Јовановски Пуљпуљ, Никола Гугувче, Алеко Мартиновски, Младен Иљовски Тиквар, Ненче Шнајдер, Владимир С. Глигориевски - Ладе Пошта, Санко Поповски, Ристо Гавриловски и др[2060].

Во триесеттите години, Слободан Ѓорѓевиќ, учител во Тетово, со потекло од Панчево, Србија, учел многу млади тетовчани на скијање и скијачки скокови кои биле изведувани во паркот под тетовските православни гробишта (денес – кај детската градинка) и во лозјето од Кочо Богојевиќ[2061]. Според сеќавањата на Ѓорѓевиќ[2062], во 1932 година формирано е едно друштво на кое не му го споменува името и кое според описот повеќе било скијачко отколку планинарско, во чиј состав имало околу 200 членови. Прв претседател на друштвото бил: Жика Миљковиќ, тој бил секретар, а благајник Драги Михајловиќ.

Во раните триесетти години на Попова Шапка се појавуваат и првите жени - скијачи. За ова, легендата на македонското скијање Нуриман Велиу од с. Лисец, вака ги коментира тие мигови:

На Попова Шапка доаѓале љубители на скијањето а пред да дојдат на Попова Шапка, престојувале на Лисец кај мене. Патот до Попова Шапка е далеку и тука преспивале а утредента продолжувале за Шапка на скијање. Меѓу љубителите на зимскиот спорт имаше и жени. Еден ден од селаните ми се постави прашањето. Што е ова бе Нуриман, полу машко полу женско? Тие мислеа на жените скијачи кои беа облечени во панталони. . .

Веќе во 1934 година е подигнат првиот скијачки и планинарски дом на Попова Шапка[2063], на надморска височина од 1710 метри. Домот располагал со четири простории, три спални со 20 кревети и трпезарија со кујна. При свеченото отворање на Домот, учествувале голем број на скијачи и планинари од Тетово и Скопје[2064].Околу деталите за изградбата на

[2059] Боро Јосифовиќ, Скијање на Шари веќ је отпочело, Вардар, Скопље, 14. 11. 1933, 7.
[2060] Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, цит. дело, 10 - 11; Кочо Богојевиќ, цит. док;
[2061] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2007.
[2062] ДАРМ, Одд. Тетово, Мирчо Савоски, Писмена изјава на Слободан Ѓорѓевиќ од Панчево . . . . цит. фонд.
[2063] Глас Полога, Тетово, Освећење Туристичког дома на Шари, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.
[2064] Истото.

Домот, ентузиазмот на планинарите и скијачите и како му е дадено името на истиот Дом, од пишаните сеќавања на Слободан Ѓорѓевиќ:

. . . Во првата фаза Домот имаше: големо предсобје како влез, кујна и две соби за сместување на скијачите а до 1941 година Домот е доградуван: проширување на темелниот дел на зградата - приземјето - првиот спрат и мансардата. Капацитетот на Домот беше до 160 легла. Вака голем капацитет е постигнат така што повеќето од собите беа заеднички, 10 - 12 и 16 кревети. Првата опрема за Домот ја добивме од војската, (расходуван материјал) а подоцна на средствата на сојузот од Скопје.

Првиот дел, па и подоцна го градеше претприемачот Гиго Ќемане во прво време без никакво покритие, со свои средства со даден збор од членовите на Друштвото. Материјалот за изградба на Домот, освен каменот и песокот, се транспортирал до селото Лисец, а од таму го пренесувале селаните или самите членови на Друштвото, при нивното доаѓање на Шапка. . . Паричните средства за изградба на "Шапка" ги осигуруваа другарите од Скопје, бидејќи можеле да влијаат кај надлежните за донирање, додека самото раководење со изградбата, пренос на материјалот, грижата за одржување на домот и снабдувањето му припаѓало на Тетово, на членовите на Друштвото, особено на другарите Миљковиќ, Ѓорѓевиќ, инжинерот Каќански, кој раководеше со изградбата и на Нуриман кој ја организираше работната сила и пренос на материјалот. Од Скопје другарите д-р. Божо Секулиќ, Гого Попов, Каламарис, Драган Спасиќ, Браќа Радовиќ и др.

На Домот му го дадовме името „Попова Шапка" бидејќи местото каде најмногу се скијавме беа теренште околу сегашните објекти на Попова Шапка, а каде се наоѓаа и бачилата. Кога и да поаѓавме од Тетово, кога ќе не прашаше некој каде одиме, ние одговаравме: "Одиме на Попова Шапка", никогаш не говоревме дека одиме на Шара. Така и домот кој го подигнавме под врвот Попова Шапка го доби своето име.

Домот во 1937 година добил уште еден кат[2065]. Проширувањето на домот било со иницијатива, средства и работа, пред се на тетовските планинари и скијачи[2066].

Во 1934 година во Тетово активно работела скијачката секција *Шар Планина* при туристичкото друштво *Југ* од Скопје, односно истата секцијата на ПД *Љуботен*[2067]. Во управата биле: Жико Миљковиќ како претседател, Кочо Богојевиќ секретар и благајник а

[2065] К.Н. Проширење скијачког дома на Поповој Шапки, Глас, Полога, Тетово, бр. 238, 16. 10. 1937, 8; Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, цит. дело, 14 - 15.
[2066] ДАРМ, Одд. Тетово, Мирчо Савоски, цит. фонд, Изјава на Слободан Ѓорѓевиќ . . .
[2067] Со оглед на фактот што документацијата од овие друштва не е сочувана и се базираме на изјавите на директните учесници, можни се грешки во расположливите податоци, како во годините така и во имињата. Во секој случај формирањата и згаснувањата на друштвата и секциите биле честа појава а имињата на нивните главни организатори, претежно се повторуваат.

членови: Никола Ветеровски, Кузе Јовановски, Стјепан Јаковљевиќ, Орестије Крстиќ и други[2068]. Оваа секција организирала и предавање за скијањето и скијачките спортови во градот за сите заинтересирани млади луѓе[2069], а организирала и натпреварувања[2070]. Оваа секција егзистира до крајот на 1936 година, бидејќи нејзините членови завзеле став дека *Шар Планина* има подредена улога во планинарството и скијањето. Токму затоа на 19. 01. 1937 година е формирано самостојно планинарско - скијачко друштво *Шар Планина.* Била формирана и управа на чело со претседателот Жика Миљковиќ[2071]. Со ова, скијањето во Тетово добива највисок степен на организираност а самостојноста на друштвото овозможило учество на повеќе натпреварувања на Попова Шапка, Копаоник и др. места, како и учество на подсојузни натпревари кои се организирале од страна на белградскиот *Зимско спортски потсојуз*[2072]. На натпреварувањето во Копаоник во Србија, во тетовската екипа *Шар Планина* биле: Никола Николовски Коларот, Диме Јовановски Флејта, Никола Ѓорѓевиќ, Нуриман Велиу, Михајло Најденовски, Александар Исаевски Моше и Младен Иљовски Тиквар кој го освоил второто место[2073]. Според имињата на скијачите, се потврдува дека ПСД *Шар Планина* е логичен продолжеток на скијачката секција на ПД *Љуботен.*

Во 1936 година се појавила и третата тетовска Скијачка секција *Попова Шапка* при белградскиот спортски клуб *Југ.* Во неговата управа биле Симо Петровски Јогун како претседател, Тодор Анѓелковски секретар, Војислав Јоциќ благајник, Светислав Јовановиќ економ, Џоне Аврамовски инструктор на скијањето и др[2074].

Прв скијачки натпревар на Попова Шапка меѓу тетовските скијачи е одржан во 1932 година, додека првиот официјален натпревар меѓу тетовските и скопските скијачи е одржан во 1934 година и тоа во три дисциплини: скијачко трчање, спуст, слалом[2075]. Од таа година, поради можностите што ги давал новиот дом на Попова Шапка, одржувани се сè почести и помасовни натпреварувања, а скијачи доаѓале и од Скопје, Белград, Нови сад, Загреб, како и од некои градови од Словенија. Во 1937 година за прв пат на Попова Шапка е одржан семинар за скијање, на кој зеле учество скијачи од Македонија, Србија и Босна и Херцеговина. Главен организатор на семинарот бил Жика Миљковиќ, аптекар од Тетово, кој воедно бил и истакнат скијач и планинар од Тетово. Семинарот го воделе двајца инструктори од Словенија. Истата

[2068] Глас Пологa, 07 и 11. 01. 1936.
[2069] Истото, бр. 90, 15. 12. 1934, 3.
[2070] Истото, бр. 154, Смучарске утакмице на Шари код Попове Шапке, 07. 03. 1936, 3.
[2071] Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, цит дело . . . 17
[2072] Истото, 18.
[2073] Приватна архива, Ецо Иљоски Тиквар, син на Младен.
[2074] Касим, У Тетову је основана смучарска секција *Попова Шапка* београдског спорт клуба *Југ*, Глас Пологa, Тетово, бр. 154, 07. 03. 1936, 3.
[2075] Истото, 14.

година одржан е сезонски скијачки турнир[2076]. Идната 1938 година одржано е уште едно поголемо скијачко натпреварување на Попова Шапка во три дисциплини, спуст слалом и бијатлон на 6 и 18 км[2077] и обука за нови скијачи[2078].

Еден од поинтересните настани во скијањето е секако т. н. подвижен курс по скијање кој се одржал во април 1939 година, кога се одело со скии од Попова Шапка до Кораб, што претставувало извонреден подвиг и барало високо спортско оспособени луѓе[2079]. Во април, истата година одржан е нов скијачки натпревар на Попова Шапка, во неколку дисциплини и јака конкуренција[2080].

Во Тетово, по првите донесени скии од Словенија, Белград и други места, по нивниот урнек, Никола Николоски Коларот е првиот кој започнал со изработка на скии во Тетово. Скиите ги правел од јасеново дрво и со специјална алатка направена за таа намена, наречена *крив струг*[2081]. Втор кој повремено правел и поправал скии бил Саво Симовски[2082] и неговиот син Драго Симовски Драгулинка. Како модел за изработка, тие ги користеле фабрички изработените скии, кои во Тетово ги донеле Брат Цоне и Круме Лешко од Чехословачка[2083]. Тој истовремено бил задолжен и за столарските поправки во Домот на Попова Шапка[2084].Во 1938 година, во Тетово се отворила и првата продавница за скијачка опрема на Ѓорѓе Лешков[2085].

Во 1940 година во месноста Голгота, на патот меѓу селото Лисец и Попова Шапка, бил изграден ловечко - скијачки дом[2086], но под притисок на големите снегови во зимата 1940/41 година се урнал покривот, а за време на Втората светска војна бил сосема уништен.

Се разбира дека во прво време до Попова Шапка се стигнувало пешки. Така во 1935 година, тетовските планинари и скијачи пошле организирано на Попова Шапка. Меѓу нив бил и мајорот Степа Јаковљевиќ, командант на Жандармериската Школа во Тетово, кој бил и скијач. Натоварен со ранец и скии тешко стигнал до местото Голгота, зошто прилично бил дебел и тоа му пречело да совладува големи висини и стрмни падини. Исцрпен од одењето, во најстрмниот дел застанал и им се обратил на останатите во групата: Ех мајката гледајте

[2076] Глас Полога, Тетово, 06. 02. 1937, 4.
[2077] Истото, бр. 256, 19. 02. 1938, 3.
[2078] Истото, бр. 257, 05. 03. 1938, 4; Истото, бр. 258, 05. 03. 1938, 4; Истото, бр. 262, 02. 04. 1938, 4.
[2079] Мирчо Савоски, Јован дамјановски, цит. дело, 19.
[2080] Глас Полога, Тетово, бр. 314, 01. 04. 1939, 4.
[2081] Според исказите на Никола Николовски Коларот (1914 - 2004), занаетчија во пензија од Тетово.
[2082] Димитрие Ѓорчески . . . цит. извор, 13. 02. 2006.
[2083] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2010. *Со педа и чепорок* (растојание меѓу палецот и показалецот) *сум ги мерцу првите сќије што ги донеле Брат Цоне и Круме Лешко од Чешка.*
[2084] Истото.
[2085] Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, 60 години . . . цит. дело, 11.
[2086] Боро Јосифовиќ, Под притиском великог снега срушио се ловачко смучарски дом на Шари, Вардар, Скопље, 20. 02. 1941.

ме, со овој ранец и скии личам на Исус Христос кога одел на Голгота. Оттогаш ова место е наречено Голгота.

Покрај Попова Шапка, скијањето се развивало и на масивот на Љуботен. Првите организирани скијачи претежно биле од Скопје. Но, првото спуштање со скии на Шар Планина, воопшто, се случило на втори февруари 1926 година, кога Душан Кривокапиќ, службеник во Шумската управа Тетово, и Станислав Ферлан, учител во Старо Село се искачиле на врвот Љуботен и со скии се спуштиле до селото. Величенствениот изглед на овој врв кога ќе се погледне од Скопје е една од причините, зошто скопјаните со своите скии брзо се преселиле од Водно на Љуботен. Во 1930/31 година е изграден првиот дом на Шар Планина и во Македонија. Домот бил изграден од Туристичкото друштво *Југ* од Скопје[2087]. До изградбата на домот на Попова Шапка, тетовските скијачи почесто го посетувале ова место.

Со почетокот на Втората светска војна, замираат сите спортско - рекреативни активности на Шар Планина. Покрај уништениот Ловечко-планинарски дом на Голгота од снеговите и неговото ограбување, во 1943 година, Домот на Попова Шапка е исто така уништен и опустошен, откако истиот бил искористен за засолниште на борците на Првиот Тетовски партизански одред[2088]. Скијањето единствено се одвивало на падините на тетовското кале и низ уличките на стрмниот дел на градот[2089].

По Втората светска војна искусните планинари и скијачи од Тетово ги возобновиле активностите во скијачкиот спорт, како и со возобновување на скијачките терени и сместувачките капацитети на Попова Шапка и Шар Планина.Планинарско – смучарското друштво, како што тогаш се нарекувал скијачкиот клуб, вршело припреми, организирајќи неколкудневни престои на своите скијачи[2090].

Во 1947 година одржан е првиот Шарпланински скијачки куп со меѓународно учество на репрезентациите на Унгарија, Романија, Бугарија и Југославија[2091]. Шарпланинскиот куп во следните години и децении прерасна во значајна меѓународна скијачка манифестација.Во 1950 година на Попова Шапка било организирано Смучарско студентско првенство на ФНР Југославија, со учество на 124 натпреварувачи од сите универзитети[2092].

[2087] Истото, 12 - 13.
[2088] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 769, Мирчо Савоски, цит. фонд, Изјава на Нешо Марковски.
[2089] Димитрие Ѓорчески . . . цит. извор, 13.02. 2006. Скијањето и сличугањето, најмногу се одвивало од Доу до куќата на Мате Ченка.
[2090] М.И., Планинарското – смучарско друштво во Тетово организира 5 – то дневен излет на Попова Шапка, Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4.
[2091] Мирчо Савоски, Јован Дамјановски, 60 години скијање во Тетово, Тетово, 1986, 40 - 41.
[2092] Нова Македонија, Скопје, Смучарско студентско првенство на ФНРЈ, 09. 03. 1950, 4; Истото, 12. 03. 1950, 4.

5.2.5 ДРУГИ СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во Тетово се негувале и други спортови со помала масовност, но сепак дале свој придонес во развитокот на спортот и физичката култура. Вредно е да се споменат активностите на *Стрелачкото друштво*, основано во 1932 година по иницијатива на Милисав Вујсиќ – Околиски началник[2093], а во 1938 година, по одредена пауза, возобновено е ова друштво[2094]. Во април истата година било отворено и стрелиште во градот[2095]. Во 1949 година, традицијата на овој спорт во Тетово продолжила со формирањето на Стрелачки сојуз - Тетово[2096].

Извесна популарност имал и *велосипедизмот*, за кој не е познато дека постоел во организирана форма. Сепак во Тетово се организирале велосипедски трки од локален и регионален карактер, како и етапни трки во склоп на државните првенства на кои учествувале и велосипедисти од Тетово[2097]. Во периодот меѓу 1935 и 1937 имало и една велосипедска трка на релација Тетово – Скопје. Еден од најдобрите велосипедисти од Тетово бил Глигур Јовановски Цира[2098].

Во близината на Тетово, во атарот на село Жеровјане постоел еден воен аеродром, чии услуги ги користел Аероклубот *Наша Крила*[2099] од Тетово, како и неговата гостиварска секција. Во неговата управа биле Бошко Јакиќ (срески начелник), Томо Серафимовски (претседател на Тетовското градско поглаварство), Михајло Серафимовски (директор на тетовската банка), Мехмед Али (рентиер), Кочо Богојевиќ (општински службеник) и Крум Матов (професор во Земјоделското училиште во Тетово). Клубот активно работел на анимирање на воздухопловството, а извршувал и некои услуги за локалното население и власта. Денес се зачувани некои авионски снимки на градот од тоа време направени од пилотите на овој клуб[2100]. Еден од пилотите на овој Аероклуб е Орестије Крстиќ[2101]. Со негово залагање, при свеченото отворање на првиот Планинарски дом, за кој исто така најголеми заслуги има токму тој, Попова Шапка ја надлетувала ескадрила од 6 авиони[2102]. Во 1934 година, Одборот на тетовскиот аеро клуб организирал предавање на професорот Виљановиќ Владимир на тема:

[2093] Боро Јосифовиќ, Стрељачка дружина у Тетову, Вардар, Скопље, 14. 06. 1932, 6; Глас Полога, Тетово, бр. 236, 10. 02. 1938,3.
[2094] Глас Полога, Тетово, бр. 235, 05. 02. 1938, 2; Истото, бр. 236, 10. 02. 1938, 3.
[2095] Истото, Тетово, 16. 04. 1938, 7.
[2096] Шар, Тетово, бр. 32, Основачко собрание на стрелачки сојуз во Тетово, 10. 03. 1949, 3.
[2097] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 172 – 173; ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, Боро Јосифовски, новинар, АК – 4, исечоци од весници, недатирано, Ширење Бициклизма на Југу.
[2098] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 04. 2006.
[2099] Глас Полога, 07. 11. 1936.
[2100] Неколку фотографии се наоѓаат во Воздухопловниот музеј во Белград. Една авионска снимка на Земјоделското училиште се чува во самото училиште и една снимка е сопственост на Ѓурица Крстиќ, син на пилотот Орестије Крстиќ.
[2101] Приватна архива на Ѓурица Крстиќ, (1924 -),филолог во пензија од Белград.
[2102] Глас Полога, Освеќење Туристичког дома на Шари, Глас Полога, бр. 86, 17. 11. 1934, 2.

Целите на аеро клубот[2103] и аеро митинзи[2104]. По Втората светска војна, продолжиле активностите на тетовскиот аеро клуб во кој покрај, школските авиони имало и едрилици, но и посебна школа за падобранци. Овој клуб со своите активности посебно во падобранството имал постигнато забележителни резултати, но неговото постоење било наеднаш прекинато со уривањето на хангарот на школскиот аеродром во атарот на с. Жеровјане од мошне големите снегови кои паднале во 1953 година и со тоа активностите на тетовскиот аеро клуб биле сведени само на воздухопловното моделарство.

Ловечкото друштво од Тетово било едно од поактивните друштва во градот, кое имало голем број на членови. Ловциите од Тетово, од стопанска гранка, оваа дејност ја претвориле во спортско рекреативна дејност во периодот меѓу двете војни[2105]. Во 1940 година заедно со Планинарското друштво *Шар Планина*, го отвориле ловциско – скијачкиот дом во месноста Голгота[2106].

Прв обид за развој на *тенисот во Тетово* е направен во 1936 година, кога ТСК *Југословен* се зафатил со изградба на првото тениско игралиште во Тетово во 1936 годинава во близината на фудбалскиот стадион[2107], но вистинските резултати во овој спорт се покажуваат во педесеттите години[2108].

Во периодот по Втората светска војна, се зголемил интересот за нови видови спортови. Политиката на тогашните масови организации во социјалистичкото општество имале за цел масовност на работните маси во спортот, како и во културата. Така, се формираат Спортски друштва кои во својот состав ги обединуваат екипите од голем број на спортски дисциплини. Така во 1948 година формирано е СД *ШАР* во Тетово, кое обединувало поголем број на екипи од некогашните постоечки спортски дисциплини, како и нови кои до тогаш ги немало во градот[2109]. Името *Љуботен* извесно време било сменето, со СД *Шар*, затоа што старото име потсетувало на капиталистичкиот период[2110].

Во рамковите правила на спортските друштва, клубови и секции препорачувани од Фискултурниот сојуз на Југославија, идеологијата заземала значајно место. Меѓу другото, *Задача наДруштвата е да собираат во своите клубови и секции што поголем број на членови.* Исто така, *по пат на вежбање, натпреварување, организационен општествен живот да*

[2103] Истото, бр. 84, 03. 11. 1934; Истото, бр. 84, 10. 11. 1934, 2.
[2104] Истото, 126, 24. 08. 1935.
[2105] Истото, Свечана прослава отварања ловачке сезоне тетовског ловачког удружења, 18. 09. 1937, 3.
[2106] Истото, Годишња скупштина Ловачког друштва, 24. 04. 1937, 3; Дане, Нова планинска куќа, изнад Лисца, Истото, бр. 362 и 363, 27. 04. И 04. 05. 1940, 6.
[2107] Истото, бр. 174, 25. 07. 1936, 4.
[2108] Драгутин Николовски Ќемане . . . цит. извор, 17. 07. 2008.
[2109] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 170, Младинско фискултурно друштво Љуботен, Тетово (1947 / 1965), АК – 1, (несреден).
[2110] Божидар Васовски . . . цит. извор, 14. 09. 2010.

создава здрави луѓе, силни издржливи, упорни, смели, брзи, спретни, да развива кај своите членови скромност и другарство и така да ги спрема и наградува да бидат сложни, способни и посветени градители на социјализмот на ФНРЈ и свесни и непоколебливи чувари на нејзината слобода и независност. Друштвото ги негува своите членови во духот на социјалистичкиот патриотизам и во духот на братството и единството меѓу народите на Југославија[2111]. И покрај сите овие големи амбиции, ваквите цели тешко се остварувале бидејќи *најголемиот проблем се финансиските средства, немањето на соодветни спортски објекти и реквизити*[2112]. Поради немање на велосипедска работилница, велосипедизмот во градот не се развивал[2113].

Еден од најприфатените спортови бил *пингпонгот*[2114]. Поради малите просторни барања, пинпогарската секција вежбала во дворот на месниот синдикален совет.*През месец октомври* (1949 г.) *јасно се оцрта активноста на пинг – понг секцијата коа работи со голема сериозност и се припремува за престоечките натпреварувања. Големиот број на љубителите од поменатиот спорт секој ден ги прати нимните успеси кој ги придонесуваат нимните играчи и секоја припрема што ја вршат во нимните тренинзи. Истата секција тренира во бавчата на М. С. Совет коа е многу погодна за тренинзи. Секој ден активните членој си ги решава и својте проблеми по завршување на тренинзите. Најголема пречка им се укажуват во лоптици оти со истите не располагаат и се служат со крпени лоптици кој навистина не се погодни за тренинзи оти нимниот скок неа правилен, во колку се одбие од крпеното место. Затова се моли горниот наслов* (До Градски народен одбор, Комитет за фискултура – Тетово) *да ни испрати најнужниот број на лоптици, како би истата секција можела да одржува меѓуградски такмичења, и како би се навистина видело да за ним некој води сметка, како се развива и какви успеси покажува.*[2115].

Уште пред Втората светска војна во Тетово се играла играта *хазена*, еден вид на одбојка, која ја играле тетовските девојки и тоа на јуријата под денешните тетовски православни гробишта. Во оваа игра се истакнувале *ќерката на аптекарот Татеос Кандикјан, Надица, потоа Сава, сестра на Панко Комарциј, Митана ќерка на Цветко, еден од сопствениците на анот Бело Јагне*[2116].

Христофор Тодоров - Форко е меѓу првите тетовски одбојкари. Тој во своите записи на сеќавања напишал: *Во октомври 1945 година заедно со наставникот по фискултура Цоне*

[2111] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 170, Младинско. . . цит. фонд.
[2112] Истото, Записник од 25. 06. 1952, од Конференцијата на СД *Љуботен* со делегатот на Сојузот на спортови на Македонија.
[2113] Истото.
[2114] Шар, Тетово, бр. 32, 10. 03. 1949, 4;.
[2115] ДАРМ, Одд. Тетово, СО Тетово . . . цит. фонд, 63/370.
[2116] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 09. 2008.

Аврамовски и другар ми Томислав Аќимовиќ Тото во дворот на тогашниот интернат при гимназијата Кирил Пејчиновиќ (денешен Историски архив), изградивме непрописно борилиште за одбојка 7 х 14 м., колку што дозволуваше дворот. Мрежата ја соплете јужарот Барба, а топка ни испрати од Америка татко му на Јованче Аврамовски Рудиче[2117]. Во март 1946 година било изградено ново одбојкарско игралиште со прописни димензии на просторот меѓу двата објекти на тетовската гимназија. Третото игралиште било изградено во дворот на ДТВ Партизан а следните две во кругот на чевларската задруга Мишка и во кругот на полициската станица[2118]. До 1950 година биле изградени уште неколку игралишта кои придонеле за голема популаризација на овој спорт и масовно учество на работниците по претпријатијата[2119].

Одбојката се играла во дворот на гимназијата. Одбојкарите имале задоволителни услови за игра, а раководството било од СД *Шар (Љуботен)*, Тетово. Во градот постоела уште една одбојкарска екипа формирана од синдикалниот совет, од редовите на работниците во тетовските претпријатија.

Во одбојкарскиот и кошаркарскиот спорт најмногу се чувствувал недостатокот на стручни спортски лица.

Во 1948 година бил формиран и *Кошаркарскиот клубЉуботен*. Но тоа не било прво соочување на тетовчани со оваа спортска игра. Имено уште во 1937 година, оваа тимска игра е прикажана пред публиката на јавниот час во тетовската гимназија, под раководство на гимназискиот наставник Цоне Аврамовски[2120]. Клубот по Втората светска војна располагал со едно кошаркарско игралиште. Претседател на клубот бил Симо Зафировски, секретар Савиќ Вукашин, двајцата службеници при НО Тетово. Вкупен број на членови при основање на клубот бил 14. Подоцна е формирана и женска кошаркарска екипа[2121].Гимназијата исто така формирала своја кошаркарската екипа, која станала расадник на КК *Љуботен*[2122]. Во салата на ДТВ Партизан, за првпат бил поставен кош во 1952 година[2123].

[2117] Христофор Тодоров Форко . . . цит. извор, 30.09.2006 г, стр. 1.
[2118] Истото.
[2119] Истото.
[2120] Глас Полога, Тетово, бр. 213, 24. 04. 1937; Истото, бр. 214 и 215, 01 и 08. 05. 1937, 9.
[2121] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 170, Младинско фискултурно друштво Љуботен, Тетово (1947 / 1965), АК – 1. (несреден).
[2122] Извештај за учебната 1954/55 година, Полна гимназија, Кирил Пејчинович, Тетово, Тетово, 1955, 32 - 33.
[2123] Христифор Тодоров - Форко, цит. извор, стр. 2. *На 24 април 1949 година се формира одбојкашки клуб „Љуботен" со претседател Томислав Аќимовиќ и секретар Тодоров Христофор Форко со членовите Андруш Андрејчин, Саво Марковиќ, Спасоје Крстески Паљо, Јованче Аврамовски Рудиче, Алија Сулејмани, Љупче Богојевиќ, Жика Поповиќ - Атом и др. Тимот функционираше до 1951 г. кога играчите се растурија по студии во Скопје и Белград.*

Во 1949 година се формирал и атлетскиот клуб *Љуботен*. Иницијатори за изградба на првата атлетска патека во Тетово била на Форко Тодоров, Тото Аќимовиќ и Младен Ацески Чолакот. Таа година фудбалскиот стадион кој бил на позиција исток-запад а е свртен на север - југ бил преадаптиран и во атлетско борилиште со првата атлетска патека[2124]. Меѓу првите членови биле Јован Апостолоски Пишман, Благоја Кочовски Јагуре, ромчето Кало, Томислав Ацески Шикла, Љубиша Масловариќ Маслар, Благоја Леата, Иванка Савоска, Бранка Теофиловска и др.

Шаховската организирана игра во Тетово ги има своите корени уште преку активностите на Тетовската младинска читална. Шаховската секција на тетовското спортско друштво имала 180 членови. Поради недостиг на несоодветни простории, членовите играле шах дома. Посебен шах клуб со својата работа започнал во јануари 1949 година. Клубот имал свои секции во улиштата и работните колективи. Во рамките на клубот секциите од сите колективи организирале меѓусебно првенство, а Младинскиот социјалистички сојуз обезбедил 2.700 динари за набавка на нови шаховски табли[2125].

[2124] Истото. *Во август 1952 година во салата на ДТВ Партизан заедно со неговиот секретар Младен Тиквар на балконот поставивме прописна табла за кошарка. Таблата ја направив сам со даски нути федер, а обручот го направи Јован коларот во коларата Јасен. Истовремено со играчите изградивме борилиште за кошарка на фудбалскиот стадион со нормални димензии и носаши од штафни 10 х 10 цм.*
[2125] М. П. Во Тетово започна со работа шах – клубот, Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4.

ГЛАВА VI

ИСТОРИЈА НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ
(Култура на живеење)

6.1 ПОТЕКЛО НА МАКЕДОНСКИТЕ СЕМЕЈСТВА И ЕМИГРАЦИИТЕ

Потеклото на Македонците од Тетово е дел од комплексни процеси на етнички и културни влијанија и миграции кои се случувале низ вековите. Сепак кога зборуваме за потеклото на дел од македонскиот народ кој опстојувал во еден геогравски простор од етничка Македонија, тој со себе носи и некакви специфичности. Неоспорно е дека во долгата историја на овој простор се случиле мешања со различни етникуми. Тука ќе направиме обид да ги издвоиме најкарактеристичните и највлијателни процеси од кои се состои етничкиот супстрат на Македонците во Тетово. Имено во текот на 19. и 20. век дошло до мешање на новодојдените Власи, Срби и Руси со локалните Македонци. Сите овие етникуми се претопуваат јазично во мнозинскиот македонски етнички елемент, но исто така учествуваат и даваат свој белег во градењето на општиот менталитет на Македонците од Тетово. Во текот на Османлиското владеење и Македонците учествуваат во супстратот на османлискиот елемент и тоа со доброволно и насилно исламизирање на семејства и поединци од македонското население на Полог, како и во текот на 18. и 19. век на нивно албанизирање на дел од нив.

Шар Планина (Скардус) во античкиот период претставувала природна и државна граница меѓу Македонија и Дарданија[2126],а според епиграфските и ономастичките материјални докази, оваа граница се совпаѓала и со јазичната граница. Дарданија и припаѓала на латинската свера, каде најдоминантниот број на сочувани епиграфски натписи се на латиница, додека во Полог сите, освен еден натпис, се со старогрчко писмо[2127]. Во етничките корени на Македонците од овој крај на Македонија, уште од предантичко и античко време, учествуваат старите протомакедонски племиња Бриги[2128], пајонското племе Агријани[2129] и други кои заедно го сочинувале супстратот на античките Македонци[2130]. За време на владеењето на Римската империја древните Македонци ја примиле римската, подоцна и византиската (ромејската) култура и кои уште пред 6. век се смешале со припадниците на група словенски племиња на

[2126] Фанула Папазоглу, Илирска и Дарданска краљевина. Порекло, развој и структура, хеленизација и романизација. Илири и Албанци. САНУ, Научни скупови, Књ. XXXIX, Одељење историјских наука, Књ. 10, 163; Истото, V, 108, 1.
[2127] Истото, 165 – 168.
[2128] Дарко Гавровски, Тетовски древности, (Полог од праисторијата до 7. век н.е., со посебен осврт на тетовскиот крај), Д.Г. Тетово, 2009, 46 – 54, 134 – 135.
[2129] Истото, 79 - 86.
[2130] Истото; Лидија Славеска, Македонската етногенеза, Матица Македонска, Скопје, 2008, 211 – 214, 221 – 223.

македонските простор[2131], односно настанала етносимбиоза од која потекнува современиот македонски етнос[2132]. Овие племиња во Македонија, формирале свои територијални единици, наречени *македонски склавинии*[2133].

Во македонската и балканската историографија се сè понагласени критиките за т.н. доселување на Словените на Балканот, со оглед на малата документарна и археолошка поткрепа на тезата дека Словените на Балканот се доселиле некаде од "зад Карпатите" и се подржува тезата дека Словените, Илирите, Тракијците и Македонците се стари протобалкански племиња кои јазично припаѓале на групата индоевропски јазици[2134]. На оваа теза се надоврзуваат и научните сознанија на некои македонски истражувачи за постоењето на старо, ако не и најстаро писмо во светот пишувано на јазик, близок до современиот македонски[2135].

Според расположливата изворна документација, во која за првпат се споменува и името на селото *Хтетово* или *Хтаетово*, фактите најмногу упатуваат на присуството на две македонско - словенски племиња на просторот на Долни Полог, а тоа се Берзитите или Брсјаците кои се населиле во 7. и 8. век и долги векови потоа живееле во Полог и непосредното опкружување[2136] и Драгувитите[2137]. Драгувитите, според изворите, во склопот на византиската држава, како и другите словенски племиња, биле организирани во посебни автономно уредени области *склавинии*. Првобитната нивна територија се наоѓала во околината на Солун, Бер и Воден, а подоцна нивното влијание се проширува низ целата долина на Вардар[2138]. Така во изворите се среќава и постоењето на *Склавинијата на Драгувитите*. Драгувитите на овие

[2131] Иван Иванић, Маћедонија и Маћедонци, Нови Сад, 1910, 54 - 58.

[2132] Михајло Миноски, Македонија и Бугарија, историски соочувања, Скопје, 2008, 30; Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008, 99 - 105.

[2133] Theophanis, Chronographia. Ed. De Boor, 358; Йорданъ Ивановъ, Българитѣ въ Македония, София, 1917, 5,17,19. Македонските склавинии во 758 година воделе војна со византискиот император Константин Копроним (τὰσ κατὰ τὴν Μακεδουίαν Σκλαυίας).Племињата во Македонија не учествувале во создавањето на бугарската народност која е оформена уште во 7. век од старите протобугари и словенските племиња во североисточна Бугарија, околу планината Стара Планина. Напротив, македонските племиња воделе и борби против бугарските војски се до втората половина на 9. век.

[2134] Лидија Славеска, Македонската Генеза, Матица Македонска, Скопје, 2008; Гавела Бранко, Предања и знања о старом Балкану, Београд, 1978, 67 – 128.

[2135] Лидија Славеска, Македонската . . . цит дело; Ташко Белчев, центар на венетската цивилизација на Балканот и пошироко, Скопје, 1995; Македонија центар на современата теагонија, Скопје, 1996; Белчевски О. Фрапантно совпаѓање, Македонско време, бр. 5, Скопје, 1995; Васил Иљов, Нови сознанија за писменоста, јазикот и културата на древните Македонци, Спрема архитектурата, списание за култура на просторот, Сојуз на архитекти на Македонија, бр. 5, 6, Тетово, 1996.

[2136] Васил Кънчов, *Избрани произведения*, том втори, София, 1970, 99.

[2137] Лидија Славеска, цит. дело, 246 – 247; Дарко Гавровски, Тетовски древности . . . 134 – 135; Ф.Баришић - Б. Ферјанчић, Вести Димитрија Хоматијана од "власти Драгувита", ЗРВИ, 20, Београд, 1981, 47-48; Томо Томоски, Записи за Драгувитите во Македонија, Годишен зборник на Филозовскиот факултет, 23 (49), Скопје, 1966, 202-203; Софрониевски Валериј, Петровски Бобан, *Синодалниот акт NO. 94 од збирката на Хоматијан како извор за историјата на Полог*, Историја, Скопје, 2005, бр. 1 – 2, 23 – 37.

[2138] Томо Томоски, Записи за Другувитите во Македонија, Македонија низ вековите, Матица Македонска, ИНИ, Институт за Историја – Филозофски факултет, Скопје, 1999, 474 – 483.

простори, уште во раниот среден век биле номади кои своите стада преку лето ги чувале на Шар Планина а во студените месеци во пространото Солунско поле[2139]. Ваквиот номадски годишен циклус на движење и работа се задржал кај одреден број на македонски родови од Полог и Тетово дури до 1912 година[2140], кога со Балканските војни е ставена неприродна граница на средина од територија на Македонија од страна на новите освојувачи Грција, Србија и Бугарија. Драгувитите биле распространети на територијата од Берско на југ од Македонија а својата власт ја проширile до Полог на север. Антрополошките истражувања во почетокот на 20. век, ја потврдуваат гореназначената територија каде што живеат луѓе со блиски антрополошки карактеристики, меѓу кои се и такви кои се единствени на Балканскиот полоуостров[2141]. Драгувитите се споменуваат во документот на црковниот суд на Охридската архиепископија за имотен спор на монах на тетовскиот манастир *Св. Богородица Хтетовска* за време на *владеењето на Драгувитите во Полог*[2142], иако има основа под овој поим да се подразбира всушност, владеење на кнезот Стрез[2143]. Берзитите или Брсјаците кои ги населувале соседните области, како што се Кичевско, Поречко, Реканско, Мијачијата, па дури и поголемиот дел од Албанија, западно од Полог и Шар Планина, несомнено со текот на вековите активно учествувале во македонско - словенскиот супстрат на Долни Полог и Тетово. Всушност, владеењето на Драгувитите, не треба да значи и нивно населување, што секако остава простор за различни претпоставки. Според рускиот конзул Јастребов, кој во втората половина на 19. век работел и истражувал во Македонија, Македонците од Тетовско припаѓале на племето Полјани[2144]. Но блиската сродност на македонските племиња во тој период укажува на сè помало користење на племенските имиња се почести називи кое означуваат заедничка припадност како Словени, Македонски словени или Македонци, името кое во континуитет се среќава низ вековите.

И во 11. век, во автентичните извори од тоа време, односно во повеќе од 50 документи во синодалните акти на Охридската архиепископија името Македонци се употребувало за жителите на Охрид и Охридско, Преспа, Горни и Долни Полог, Битола, Просек, Тетово и

[2139] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 16 - 17.

[2140] Истото, 17.

[2141] Крум Дрончилов, Материяли за антропологията на бѫлгарите, Годишник на Софийскиют университет, историско-филологически факултет, София, 1921, 148-149. Според добиените резултати на Дрончилов за должинско-широчинскиот индекс на главата, *западните Македонци од околиите Тетовска, Гостиварска, Галичка, Бродска, Дебарска Струшка, Охридска, Кичевска, Ресенска, Крушевска, Прилепска, Битолска, Леринска, Корчанска, Биглитска, Костурска, Кајљарска, Воденска, Ениџе-Вардарска и Скопска се брахикефали и хипербахикефали и се воопшто најбрахикефални на Балканскиот полустров.*

[2142] Ф. Баришић - Б. Ферјанчић, Вести Димитрија Хоматијана . . . цит. дело. Синтагмат, во едно дело од 1907 годиана. Види Лидија Славеска, Македонската генеза . . . 179.

[2143] Томо Томоски, Записи за Другувитите, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 23, (49), 1996, 202 - 203; СофрониевскиВалериј, ПетровскиБобан, *Синодалниот акт NO. 94 од збирката на Хоматијан како извор за историјата на Полог*, Историја, Скопје, 2005, бр. 1 – 2, 23 – 37.

[2144] И. С. Ястребовъ, Стара Сербіа и Албаніа, Споменик, Српска Краљевска академија, Београд, 1904, 118.

Скопје[2145]. Според професорката Славеска, од 14. век, *значаен елемент за етничкиот состав на населението во Полошката област претставува фактот што во Хтетовската грамота нема податоци за постоење на влашко и албанско население во овој крај на Македонија,* освен како поединци кои претежно се ангажирани како одгледувачи на стада или чувар на ливади[2146].Ако се земе предвид и дека речиси целата топонимија на Полог во овој период била од словено-македонско потекло, разбирливо е и тврдењето на Славеска *дека Полог во средниот век имал чисто македонско обележје*[2147].

Паралелно со македонското име, до 19. век се сочувале и имињата на македонските племиња, за што потврдуваат и истражувачите од тоа време[2148].

Со завладувањето на Полог од страна на Бугарите и Србите во средниот век, не постои научна поткрепа за драстично влијание во етничката промена на населението. Испитувањето на туѓите имиња на Македонците во тој период е поврзано со поданичката припадност на населението кон државата која владеела на овие простори, односно Ромеи, Бугари и Срби. Впрочем ваквото правило важело за сите жители на Балканот и пошироко[2149].

[2145] Лидија Славеска, цит. Дело, 279 (превземено од Д. Ангелов, Принос към народносните и поземелни отношения в Македония (Епирския деспотат) през първата четвъна XIII век, София, 1947, 11.Во ставовите на Тодор Геров, авторот на книгата *При Шар* од 1934 година, за националната припадност на Македонците од Полог се согласува со фактот дека нивното најстаро потекло е поврзано со мешањето на античките Македонци со Словените, за што, меѓудругото вели: *Бидејќи не допуштаме, дека долината била без луѓе, ќе дополнам, дека тука Словените се измешале со остатоците од старите Македонци и заживеале под византиска власт, наречени Македонијани,*(Името Македонијани, претходно се среќава кај Матија Властар Синтагмат, Азбучни зборник византијских и црквених закона и правила. Словенски превод времена Душанова, издао Ст. Новаковић, Београд, 1907, 62. (забелешка Б.С.)) *кои што покасно, со тамошното востановување на бугарската држава, го зедоа името Бугари, како сите други словени, кои живееле во Мизија, Тракија и Македонија.* Тука се гледа една нелогичност или недоследност на авторот начинот како настанале Македонијаните и истите тие како се претвориле во Бугари. Имено, Тодор Геров, многу убаво го опишал името на Македонците до доаѓањето на Бугарите, каде со мешање на Словените и старите Македонци, прифатено е старото име од сите, кое претходно тука фигурирало преку 1.000 години. Недоследноста на Геров за прифаќањето на бугарското име од страна на Македонците се гледа во тоа што не споменува дека дошло до некакво мешање во Полог, ниту на целата територија на Македонија меѓу, како што тој ги нарекува, Македонијаните и Бугарите, како што тоа барем два века предходно се случило меѓу Македонците и Словените. Доколку само причина за менувањето на народното име е *воспоставувањето на Бугарската држава*, како што напишал Тодор Геров, аналогно на тоа, со воспоставувањето на Византиската, Српската и Турската власт, овој народ добивал нови народни имиња, што како теорија е неиздржана, а современата историја и го докажа.

[2146] Томо Томоски, Катунското сточарење по планините на Македонија во средниот век, Македонија низ вековите, Матица Македонска, ИНИ, Институт за Историја – Филозофски факултет, Скопје, 1999, 449 – 461.

[2147] Лидија Славеска, цит. дело, 325 – 327.

[2148] Иван Иванић, Маћедонија . . . цит. дело, 58.Бугарскиот лингвист Петар Драганов ги регистрирал следните македонски племиња: *Брсјаци* (или Берзити – Б.С.), *Војунити или Бојковци,Бабуни, Дабрани (Дебрани), Мијаци, Пољани, Кецкари, Пољаничи или Пуливаковци, Бандовци или Кратовци, Језерци, Мрваци, Сираковци, Аризвановци, Помаци (потурчени), Копановци, Пијанци и Шопови.* Додека српскиот научник П. Срећковиќ, во Македонија ги забележал племињата: *Мрваци, Пуливаци, Бандовци, Пијанци (Пеони), Брсјаци (Берзити), Копановци, Пољани и Мијаци.*

[2149] Лидија Славеска, цит. дело, 287 – 291.

За време на петвековното турско владеење во Македонија, Полог и Тетово, доживеале крупни демографски и етнички промени. Најпрвин во Полог и Тетово се населиле Турците[2150]. Податоците кои ги имаме од турските пописни дефтери кои се правени во 15.[2151] и 16.[2152] век во Тетово, укажуваат дека христијанското население и по 200 години од турското владеење не го напуштило своето место на живеење, а муслиманите во овој временски период постапно се населувале, но и одредени христијански семејства преоѓале во муслиманска вера, почнувајќи од 1481 година а потоа и се потурчувале[2153]. Овие пописи ја негираат претпоставката дека христијанското население се раселило. Во прилог на тоа се и бројките на пописите на семејствата во градот Тетово од 1453/54 година, каде што покрај 56 муслимански семејства има и 153 христијански, потоа во 1467/68 има 41 муслиманско наспроти 180 христијански, што покажува и зголемување на бројот на христијанските семејства наспроти смалената бројка на муслимански семејства[2154]. Во следниот век, пописите покажуваат променет сооднос меѓу муслиманското и христијанското население во градот и тоа во 1545 година имало 104 муслимански и 94 христијански семејства, а во 1568 година голем скок на бројот на муслиманските семејства на 329 и зголемен број на христијански семејства на 127.

Ваквиот раст на муслиманските семејства во градот се должи на изразито зголеменото исламизирање на христијанското население како во градот така и во селата, особено во времето на султанот Сулејман Величенствениот (1520 - 1566 г.)[2155], што претставувало општа појава во тоа време, во делот на Балканот каде што владеело Османлиското царство. Според тоа, иако бројот на муслиманските семејства се зголемил повеќе од два и пол пати, христијанските семејства иако помалкубројни, бележат прилично зголемување во период од 23 години и тоа од 94 на 127 семејства што е речиси 30 %. Ваквата појава може да се објасни единствено со механички прилив, како што впрочем истото важи и за исламизираните семејства. Во прилог на ова сè и некои антропогеографски истражувања кои говорат за

[2150] Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској области, Братство, Београд, 1938, 13 - 14; Јован Хаџи Васиљевиќ во својата книга *По Тетовској области*, околу потеклото на православните семејства во Тетово, констатира дека во почетокот на 19. век во градот имало мошне малку *Срби*, како што тој ги нарекува Македонците. Но, притоа пишува дека не му е познато како е вршена колонизацијата на Турците во Тетово, по нивното освојување на овие простори и дека *може да се претпостави дека е извршена масовно,* кога селото Тетово, на таков начин добило изглед на мало градче. Исто така наведува дека не знае *што се случило со нашето население кое го населувало селото Тетово.* Но бидејќи било познато дека манастирот *Св. Богородица*, до крајот на 18. век веќе бил во рушевини, по се изгледа дека *нашите*(се однесува на Македонците – Б.С.) *се исселиле.* Претпоставките на Хаџи Васиљевиќ, не се потврдуваат со денешните сознанија, напротив Тетово во сите периоди на своето постоење било населено со Македонци.

[2151] Архив на Македонија, Опширен пописен дефтер бр. 4, 1467 - 1468, Скопје, 1971.

[2152] Истото, Турски документи за историја на македонскиот народ, опширен пописен дефтер за Скопскиот санџак од 1568-69 година, том VI, кн. I, Скопје, 1984, 245 - 252.

[2153] Методија Соколоски, Составот на населението во Тетовско и Гостиварско во XV и XVI век, со посебен осврт на исламизацијата, Бигорски научно - културни собири, 1980 - 1981, Скопје, 1983, 99 - 112.

[2154] Истото, 111.

[2155] Истото, 103 - 104.

доселување на христијани од Кичевско. Во почетокот на 16. век, поради процесот на насилна исламизација на населението, во времето на владеење на султанот Селим (1512 - 1520), од селото Туин[2156] се исселиле 90 семејства во Тетово и Призрен. Од нив подоцна некои се вратиле. Слично исселување се случило и од селото Крушица[2157].Во втората половина на 16. век и првата половина на 17. век, Тетово се уште било епископско седиште. Тоа се гледа од сочуваните писма на тетовскиот епископ од 1565 година, како и писмото на епископот Никанор од Тетово од 1635 година[2158], што укажува и на континуитетот на духовниот живот на македонското население во градот.

После Австро-турската војна и Карпошовото востание во 1689 година кое го зафатило и полошкиот регион и Тетово[2159], доаѓа до терор од одмаздничките акции на Турците, со доведените татарски воени единици[2160] и исселување на повеќе илјади Македонци, кои заедно со Србите од Косово се упатуваат кон север, надвор од границите на тогашното Османлиско царство и се случува постапно, систематско и претежно насилно, населување на Албанците, на Шар Планина, во Полог и во помал број во градот Тетово, во континуитет се до 20. век[2161].

Ретките сочувани, писмени споменици од првата половина на 18. век, упатуваат на фактот дека, Македонците и во овој период останале во градот како негови староседелци. Таков е и натписот на едно евангелие од 1745 година на Јанкула од Тетово, во кое ги споменува и своите родители таткото Веселин и мајката Кита Крсте[2162]. Во поменикот на

[2156] Тома Смиљанић, Кичевија, Српска Краљевска Академија, Београд, 1935, 376 - 377. Авторот претпоставува дека ова исселување се случило за време на големата селидба на Србите од Косово, *под патриарсите* (види истото дело, ст. 420.)

[2157] Истото, 377.

[2158] Йордан Ивановъ, Български старини изъ Македония, София, второ допълнено издане, 1931, 90 - 91.

[2159] Иван Катарциев, Ајдутското движење и Карпошовото востание во XVII век, ИНИ, Скопје, 1958, 53; Зоран Георгиев, Две оружја од регименте на Пиколомини, Patrimonium. MK, Скопје, 2011, 213 - 220;

[2160] Истото, 58; Илија Петрушевски, Разурнати манастири и цркви во Полог, Скопје, 2007, 17 - 20.

[2161] Истото, 9 - 25; Цвијић Јован, Тетовска долина и суходолица, Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, Српска Краљевска академија, Београд, 1911, 1072 - 1073; Спиридон Благоев, Странскиот печат за теророт и насилствата во Македонија пред Илинденското востание, Историја, Скопје, 1982, бр. 1-2, 106 – 108; Љубен Лапе, Прилог кон изучувањето на друштвено-економските и политички прилики на Македонија во 18. век, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1958, 125 – 131, 153; Jovan Trifunoski, Albansko stanovništvo u Makedoniji, Knjiźne novine, Beograd, 1988; Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850 – 1878, Скопје, 1978, 39 – 53; Милош Јагодић, Српско –албански односи у Косовском вилајету (1878 – 1912),Јазон, Београд, 2009, 129 – 221;Кънчов Васил, *Избрани произведения*, том втори, София, 1970, 379 - 398; Петар Поповски, Крваво, Аранаутскиот гего-мирдитски разбојнички тероризам во македонските земји (од 1700 до 2002 година), Том први, Скопје, 2003, 28, 33, 162, 163, 239, 241, 242, 314, 323, 328, 329, 331, 332, 333, 334, 337, 359, 365, 431, 432, 434, 436, 437, 439, 440, 447, 458, 464, 469, 474, 4997, 576, 578, 608, 609, 613, 625, 778.

[2162] Ѓорѓи Поп Атанасов, Стари Записи, Менора, Скопје, 1996, 98. Во натписот стои: *Оваа света и божествена книга, наречена евангелие, така да се знае дека ја приложив јас, по име Јанкула, од град Тетово. Оваа книга е евангелие нека служи во храмот на архиепископот Николај, мирликијски чудотворец, за негова душа и за неговите родители: татко Веселин, мајка Ката Крсте. Во годината Господова 1745.*

манастирот *Св. Јован Бигорски*[2163], од втората половина на 18. век се споменуваат дури 23 благопоклоници од Тетово, кои помогнале на манастирот за изградба на некои од неговите објекти. Многумина тетовчани и нивните еснафи се запишани и во поменикот на Лешочкиот манастир од почеткот на 19. век.[2164] Овие три извори укажуваат на тоа дека, не само што имало Македонци во Тетово, во континуитет и во 18. век, туку тие имале и духовен живот за тоа време, а со учеството во изградбата на манастирите зборува до некаде и за нивната економска состојба. Покрај овие извори, некои од странските патеписци, евидентирале записи на надгробни плочи од 18. век, некои од нив можат да се најдат и денес на тетовските гробишта, и покрај црквата *Св. Никола*, каде се наоѓале постарите гробишта, кои егзистирале до почетокот на 20. век.

Албанците најмногу продирале на Шар Планина до Полог преку превојот Кривошија и масивот Баба Асаница, до кој се спојувале патиштата од Дебар и областа Љума во Албанија[2165]. Доселувањето на Албанците се одвивало на тој начин што не формирале нови населби, туку се населувале во постоечките.Од таму се сочувале до денес македонските имиња на селата и речиси целата топонимија на овие простори, кои сведочат дека во тие шарпланински и полошки села претходно живееле македонски христијани. Докази за потеклото на некои македонските семејства во Тетово од тие села се и матичните книги, црковните книги и домовниците од овој град, во кои се запишани и селата каде што биле родени некои од доселениците: Васил Аврамовски од с. Новаке (роден 1863 г.)[2166], Трпе Стевановски од с. Жеровјане (роден во 1844 год.)[2167], Петко Богоевски од с. Сенокос (роден 1872 год.), Ѓорѓи Аврамовски од с. Селце (роден 1849 год.), Руфа, вдовица на Спасен Цветановски од с. Градец (родена 1834 год.)[2168], Ѓорѓи Василевски од. с. Лешница (роден 1874 год.)[2169], Симо Василевски од с. Лешница (роден 1886 год.)[2170], Томо Јовановски од. с. Лешница (род. 1886 г.)[2171], Јован Димитриевски од Лешница (роден 1857 год.)[2172], Алексо Петровски од. с. Горјане (роден 1880 год.)[2173], Душан Ѓорѓевски од с. Горјане (роден 1892 г.)[2174], Дева, вдовица на Младен Митовски

[2163] Наум Целакоски, Населбите и антропонимите од најстариот поменик во Бигорскиот манастир, Духовните средишта во западна Македонија во минатото и денес, бигорски – научно – културни собири, Кичево, 1990, 90.
[2164] Илија Петрушевски, Борис Момироски, Лешочкиот манастирски поменик, Тетово, 2010, 55, 129.
[2165] Ј. Цвијић, Основе за географију . . . цит. дело, 1076.
[2166] ДАРМ, одд. Тетово, Домовница бр. V/41, ред. бр. 2262.
[2167] Истото, дом. бр. IV/53, ред. бр.1615.
[2168] Истото, Дом. (мала книга без корици) бр. 58 од 1931 г ред. бр. 873.
[2169] Истото, ред. бр. 881.
[2170] Истото, ред. бр. 883.
[2171] Истото, ред. бр. 885.
[2172] Истото, ред. бр. 773.
[2173] Истото, ред. бр. 753.
[2174] Истото, ред. бр. 765.

од с. Горјане (родена 1864 год.)[2175], Иван Илиевски од Добри Дол (роден 1874 год.)[2176], Сафе Пејковски од с. Пирок (роден 1854 год.)[2177] и т.н.

Во 18. век, навлегувањето на Албанците во Македонија се одвивало преку Дебар и реканскиот крај. Всушност до исламизацијата на Албанците, речиси немало меѓуетнички судири, меѓу нив и словенските народи[2178]. Поради жестокоста на албанските освојувања, процесот на исламизација кој започнал уште во 16. век[2179], кај голем дел од македонското население во тие краишта засилено продолжил и во овој период со цел, да се заштити од уништување[2180].

Сепак доста од оние кои во мијачкиот и реканскиот крај не ја примиле исламската религија останале да живеат во тие краишта, додека други се исселиле кон исток[2181]. Другиот дел од дебарските и реканските Мијаци, кој останал со христијанската вера, започнал да се исселува кон север. Една од дестинациите на исселување е и Полог и особено градот Тетово.

Некои од мијачките семејства во Тетово, постои можност дека се дојдени за време на изградбата на тетовското кале. Имено, познато е дека калето го градела, меѓу другите и тајфата на големиот македонски неимар и копаничар Мирче Деспотов (1802 – 1883) од мијачкото село Осој[2182]. Неговите тајфи броеле и до 70 луѓе од мијачкиот крај. Така само за потребите на тетовското кале тајфата на Мирче Деспотов во Тетово останала 8 години а истата тајфа го градела и *Хаки пашиниот конак*, заедно со Алексо Черепнајкоски и неговиот татко Деспот Младенов[2183]. Воедно Мирче работел и на внатрешното уредување и украсување, со своите резби, на овие два големи објекти во Тетово[2184].

Како потврда за мијачкото потекло на многуте тетовски македонски семејства, сведочат повеќето патеписци и истражувачи[2185]. Антрополошките карактеристики на Мијаците

[2175] Истото, ред. бр. 767.
[2176] Истото, ред. бр. 773.
[2177] Истото, Регистер на население, Прв продолжеток (Домовница) од 1931 година, бр. II/68, ред. бр. 1545.
[2178] Димитрије Богдановић, Књига о Косову, САНУ, Београд, 1986, 94 – 95.
[2179] Александар Матковски, *Исламизацијата како метод за пацификација на дебарскиот крај*, Бигорски научно –културни собири, Гостивар, 1971, 225 – 233.
[2180] Истото. Така е познато дека Мијаците во поголеми групи се иселиле на запад во велешкото село Папрадиште, Крушево и Смилево.
[2181] Наум Целакоски, Населбите и антропонимите . . . цит. дело, 86 – 94.
[2182] Борис Несторовски, Нестор Алексиев Мирчевски – резбар, Музеј на град Скопје, 2002, 47 – 51.
[2183] Крум Томовски, Дејноста на мајсторите – градители од Дебарската школа во 19. век, Бигорски научно-културни средби, Гостивар, 1971, 270.
[2184] Борис Несторовски, Нестор Алексиев Мирчевски – резбар . . . цит. дело, 47 - 51.
[2185] Истото, 16; Rudolf Petrović, Polog, antropogeogravski prikaz, Zagreb, 1942, 9; Тодор Геровь, При Шарь, София, 14; Г. Петровь, Тетовска Каза, Материјали по изучуванието на Маедония, София, 1896, 415; Цвијић Јован, Тетовска котлина . . . цит. дело., 1071; Веркович, Ст. Описанио бъіта Болгар населяющих Македонию. Московския Универзитетския Известия, № 3, Москва, 1868. Стефан И. Верковиќ, Македонски народни умотворби, Книга петта, Македонска книга, Скопје, 1985, 117; Тома Смиљаниќ,

и Македонците од тетовскиот крај се мошне слични[2186]. Кон крајот на 19. и почетокот на 20. век, Тодор Геров, кој и самиот бил тетовчанец, изгледот на неговите сограѓани, според антрополошките карактеристики, го опишува како најсличен на Мијаците[2187]. Слична е констатацијата и на Ѓорче Петров, кој Тетово и неговите жители ги истражувал во 90-тите години на 19. век[2188]. Некои од мијачките семејства биле: Вељовски, Личеноски, Туловски, Бизмарковци, Кузмановци, Голичевци, Галичанци,Томо Гиноски, Иван Лепчески, Алексо Тодоровски Галичанин[2189] со синот Коста и поширокото семејство, семејството на Аврамовски Јеврем, Рафаил Стефанов Анѓелковски (Лазарополе), Лазар Вељовски (Лазарополе), Атанас Вељовски и др.Некои од ѕидарските тајфи во Тетово биле доселени од селото Тресонче: семејствата на Симо Матев Блажевски и на браќата Димитрија и Илија Кузмановски.

Народните машки игри, како еден од етнолошките белези, според етномузиколозите сестри Јанковиќ, исто така кореспондира со мијачкиот крај, затоа што во Тетово мијачките ора, како што се *Тешкото*, *Лесното,Дебарското и др.,* се играле на секоја веселба[2190]. Според Т. Геров зборувале малку провлечено, песната им била меланхолична и содржајна а мелодијата со одмерен такт и цврст чекор.

Меѓу Мијаците во Тетово биле и некои учители во градското училиште: Константин Симовиќ[2191], Крсто Ѓиниќ (Гиноски)[2192], Крсто Галиганов[2193], Нестор Данаилов[2194] и И. Х. Г. Илев[2195]. Во Тетово се доселувале и приличен број на семејства од реканскиот[2196] и мавровскиот крај, Војо Чолак Мавровец, семејството Дрецовци Реканлии од Дуф, Томо Ефремовски, Душан М. Николовски Река, и др., кои се најблиски на Мијаците[2197].

Крајот на 18. век и првата половина на 19. век се карактеристични за Тетово по владеењето на тетовските полусамостојни паши, пред се Рецеп Паша и Абдураман паша, кои

Мијаци Горна река, Мавровско поле, Насеља и порекло становништва, књига 20, СКА, Београд, 1925, 44, 78, 88. Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Друштво Св. Сава, Београд, 1928,135.

[2186] Крум Дрончилов, Материяли за антропологията . . . цит. дело.

[2187] Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 14. Преовладувале луѓето со рамното теме на главите, и широкото чело, широка долна вилица (челуст), поистакнати јаболчници и низок нос, јадрите стројни фигури со руса коса, сини или со шарени очи. Исто така, по карактерот и темпераментот населението на овој крај било слично на она од Дебарско и Галичко: спокојно, размислува бавно но не глупаво, просто, наивно, доверчиво, не итро и никако не лукаво.

[2188] Г. Петровь, *Тетовската кааза,* Материали по изучуването на Македония, София, 1896. 415.

[2189] Тома Смиљанић, Мијаци . . . 98.

[2190] Јанковић Љ. и Д.,Народне Игре, Беогарад, 1938.

[2191] Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и . . . цит. дело, 137;

[2192] Истото.

[2193] Серафимовь Л., Тетовско и дъйцитъ по вѫзражданието му, Пловдивь, 1900, 57.

[2194] Истото, 58,

[2195] Истото.

[2196] ДАРМ, Скопје, Филозовски факултет Скопље (1920 - 1941), ф. бр. 323, А-К1/490, Радивоје Богојевић, О Тетову и Тетовцима, На една надгробна плоча пишувало: ѳрѳбіл аѵдрєва изъ албаніл, Дебарскиѧ Рєкї ѿ село NIчпѳръ, пожївє лѣта 5І а престависѧ во 1869.

[2197] Тома Смиљанић, Мијаци . . . цит. дело, 88.

со својата полувековна моќ влијаеле врз промената на националната структура на градот и околината. Нивната моќ се потпирала пред се, со доведувањето на голем број албански семејства во Полог и од кои регрутирале свои платени војници, чиј број секогаш изнесувал по околу 1.000, но во случај на војни, тој број драстично се зголемувал.

Тврдењето на Хаџи Васиљевиќ, декаво градот, продолжило доселувањето на Србите од Призренско, чии семејства во Тетово се познати како *Призренлии* и дека доселувањето на Македонците[2198] од реканскиот, дебарскиот, кичевскиот и поречкиот крај продолжиле особено по Кримската војна, може да се прифатат како потврдени факти од повеќе извори[2199].

Во меѓувреме, Абдураман паша за потребите за изградбата на тетовското кале, во почетокот на 19. век, доселил во градот околу 60 влашки семејства[2200].Иако присуството на Власите во Полог е уште од античкиот период, а спорадично се среќаваат и во средниот век, според преданиата на Власите, тие во градот за првпат се доселени околу 1820 година. Нивното доселување одело етапно[2201]. Според Трифуновски се работи за бројка од 300 - 350 Власи кои постапно се доселувале во Тетово кое во 1837 година броело вкупно со сите етноси меѓу 4.000 и 5.000 жители.

Нивното потекло било од Крушево[2202], а таму се дојдени од Москополе, (Бучковци (Кочовски - првиот од нив Јован Бучко познат тетовски мајстор), Чакревски (Чакревци - Ристо и Мите), Митрушевци (од Симо Митруш), Принцоски (Ристо Принц), Настоски (некои членови на ова семејство имале прекари како Сане Вла, Атанас Вла, Трпе Лупо Вла), Тафовски (Петре и Јован Тафо), Тиревски (Стојан Тиреф и Мисо Тиреф), Наумчеви (Андро Наумчев) Глуф Ќиро, Крсто и Климе (кои прво дошле во Гостивар а потоа во Тетово), Дабижевци кои се дојдени во градот во 1943 година), Тоде Манак Паќо (Влав од Крушево, роднина на браќата Манаки, прв почнал со изработка на шпорети) и др.; Од Елбасан (Митрушевци)[2203]; Охрид (Топаловци - Никола Топау), Крсто Аџи Анѓелев, Митруш Таско, Ѓорче и Ано Беледија и Трстеник (семејството Хаџи Мечески; Хаџи Митре Митрушев, Ѓоце Митрушев, Младен Митрушев.[2204]. Семејството Капмаре најпрвин живеело во Москополе и Шиписка и под притисок на Али паша Јанински, како дел од една колонија од 150 луѓе се отселиле во

[2198] Авторот Хаџи Васиљевиќ, сите православни Македонци ги нарекувал Срби.
[2199] Б. Јосифовић, Пожаране, најстарије и најнапредније село у Јужној Србији, Правда, Београд, 14. 06. 1934; RudolfPetrović, Polog . . . цит. дело, 27 - 28; Јован Трифуновски, Полог . . . цит. Дело; Тома Смиљанић, Мијаци . . . 77 – 79.
[2200] Јован Трифуновски, Цинцари у Тетову, Гласник етнографског института, САНУ, књ. XXXI, Београд, 1982, УДК, 397, 75 - 78.
[2201] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет ф. бр. 323, 1/1053, Аврамовиђ Горица, Цинцари у Тетову.
[2202] Истото, 76; Драго Симовски . . . ; Благоја Митрушевски . . .; ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/1054, Аврамовиќ Горица, Цинцари у Тетову.
[2203] Благоја Митрушески (1931 -), пензионер од Охрид, изјава, лична архива, Б.С.
[2204] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет ф. бр. 323, 1/1050, Аврамовиђ Горица, Цинцари у Тетову, 1/1053.

Славонски Брод, Хрватска. Од таму се раселиле на разни места кон север, а дел се вратиле во Призрен. Од таму, во почетокот на 19. век во Тетово се доселило семејството на Томо Капмаре[2205], а некои Власи подоцна дошле и од други места како на пример Настови (Моне Настов, кој дошол од Горна Белица Струшко, а неговата сопруга Параскева од Долна Белица во 1893/4)[2206]. Имало уште други угледни семејства во Тетово со влашко потекло: Буневи, Трпчевски, Стерјовски, Шинанчиња или Урдарчиња, Ефрим Димовски Казанџија, и др. Сите Власи зборувале на влашки јазик, каков што го зборуваат денес во Крушево и Битола. Со влашкиот јазик се користеле до почетокот на 20. век, а некои го прифатиле македонскиот јазик со тетовско наречје уште во втората половина на 19. век, но дома се уште го говореле влашкиот јазик. Месноста во Тетово, каде што Власите се населиле се викал *Рудина*[2207]. Оваа месност го зафаќала просторот од југ од *Два Бреста*, и *Доу* од исток од *Долно маало*, па се до маалото *Поток*[2208]. Според истражувањата на Ј. Трифуновски, влашките семејства, Абдураман паша ги населил во маалото Поток. Но тие биле населени и во другите маала низ кои поминувала денешната улица *Гоце Делчев*. Некои од тие семејства и денес живеат во истите куќи[2209]. Рудина се до крајот на 17. век била целосно ненаселена или ретко населена и тука се наоѓале тетовските лозја.Абдураман паша на влашките семејства им доделил земјиште и материјал за градба на куќите[2210].

Власите биле мошне писмени луѓе, познавале по неколку јазици, биле одлични номади, градители, трговци, кирации (превозници) и успешни во други професии. Власите лесно ја прифаќале новата средина и се прилагодувале брзо кон обичаите јазикот на средината, но со своето примерно и лојално однесување наметнувале дел од својата култура и на другите народи. Уште во 19. век, Власите на Балканот, освен по своето име Аромани, Власи, Цинцари, Македоновласи, Куцовласи, ги среќаваме и под имињата на другите народи како Грци, Албанци, Срби, Романци и Македонци, секаде каде што нивната судбина ги раселувала[2211].

[2205] Според истражувањата на Виолета Ѓорѓеска која има изработено генеолошко стебло на семејството и искажувањата на нејзината мајка Цветанка Ѓорѓеска Коку (1925 -) од Скопје, изјава 18.04. 2012 г.
[2206] Мирче Настоски, (1950 -), од Тетово, внук на Моне, изјава 19. 12. 1999, лична архива, Б.С.
[2207] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет ф. бр. 323, 1/1050, Аврамовиќ Горица, Цинцари у Тетову.
[2208] Истото;
[2209] Драго Симовски, роден во 1920 година, се сеќава дека, од раскажувањата на неговиот дедо, кој живеел 105 години, влашките семејства во Тетово долги години само работеле, но не живееле во Тетово. Конечно по еден инцидент со еден од сејмените на Абдураман паша, му се пожалиле на пашата за нивниот тежок издвоен живот од нивните семејства. Тогаш пашата се сожалил на нив и им доделил места за изградба на куќи, и тоа на горната страна од денешната улица *Гоце Делчев*, која се протега низ повеќе маала, почнувајќи од *Јајчароо маало* па се до маалото *Поток*. Карактеристично за нивните куќи било, што иако сите биле со предната страна свртени кон исток, имале без исклучок барем еден прозорец на југо-запад, во правец на црквата *Св. Никола*. И денес, се сочувани некои од овие куќи. Иако биле често залепени една до друга, сепак се наоѓал еден издаден простор на катот, колку да се направи страничен прозор, кој гледал кон црквата.
[2210] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет ф. бр. 323, 1/1050, Аврамовиќ Горица, Цинцари у Тетову.
[2211] Истото, 1052 - 1053.

Власите во Тетово живееле во осамена релативно мала група. Таа успеала да ги сочува јазикот и обичаите до крајот на турското владеење иако немала врски со Власите во околните градови, за да од Балканските војни и последните влашки семејства станат дел од Македонците во градот[2212].

Во Тетово од 1908 година па се до 1916 година функционирало романско училиште за тетовските Власи, финансирано од романската влада но и од локалните Власи, кое прекинало со работа најверојатно поради воените услови и малиот број на ученици[2213]. Првиот објект на училиштето бил на Два Бреста во куќата на Симе Митруш. Прв учител бил Стеријњ Малалиќ и неговата сопруга Домишиора Малалиќ. Имало околу 30 ученици[2214]. Вториот објект на училиштето бил кај црквата *Св. Никола.*

Во првата половина на 20. век, овие семејства уживале голем углед во тетовската средина. Некои семејства станале сопственици на големи стада овци и на делови од Шар Планина, некои биле одлични градители, анции, трговци, кирации, куjунции, интелектуалци и сл[2215]. По иницијатива на Власите, изградени е бразда во горниот дел на градот како решение за недостигот на вода во градот кој се проширувал[2216]. Во оваа иницијатива предничел Ане Беледија (општинар), кој предложил два пати неделно да се чистат улиците од самите граѓани, да се направи нова бразда, која граѓаните ја прифатиле а тој бил мошне упорен во реализацијата на оваа иницијатива и не допуштал на некои несовесни граѓани да не се чисти. За ова, откако разбрал тетовскиот кајмакам, го вработил Анета во општина, задолжен за комуналните прашања. Така го добил и својот прекар Беледија. Со оваа дејност продолжил да се занимава до крајот на својот живот, иако властите во градот неколку пати се смениле[2217]. Според некои сознанија, со доаѓањето на Власите во градот, се развила и трговијата во него. Како најстари трговци се споменуваат Крсто и Насто Прематор[2218]. Може да се заклучи дека Власите во Тетово, завземаат извесен дел од македонскиот супстрат и тие одиграле улога во градењето на менталитетот и традициите на Македонците од Тетово. Нивни карактеристики биле штедливост, работливост и религиозност. И Власите како и Македонците биле под силно влијание на пропагандите, па така и меѓу нивните семејства се појавила поделба, а некои нивни

[2212] Јован Трифуновски, Цинцари . . . цит. Дело, 78; Благоја Митрушевски - Митруш (1931 -), пензионер од Охрид. Интересен е настанот кој се случил во семејството Митрушевци. Ова влашко семејство во Тетово дошло од Елбасан, Албанија и работеле на изградбата на тетовското кале. Во семејството се зборувало влашки до периодот на неговите родители.Така, неговиот дедо Ѓоце Митрушев, своите деца Никола и Љуба ги дал да учат во првото влашко училиште во Тетово, отворено 1909 година. Еден ден, дедо му Ѓоце дошол од чаршија, дома многу лут и наредил: *У куќава од д'наска ни еден збор на влашки!*

[2213] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981, 362 – 363.

[2214] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет ф. бр. 323, 1/1057, Аврамовиђ Горица, Цинцари у Тетову.

[2215] Драго Симовски, цит. извор, 08.12. 2005.

[2216] Аврамовиђ Горица, Цинцари у Тетову, цит. извор,1/1055.

[2217] Живко Стефановски, Полошка панорама 73, Тетово, 29 - 31.

[2218] Аврамовиђ Горица, Цинцари у Тетову, цит. извор, 1/1055.

претставници биле дури и истакнати носители на тие пропагандни активности, како што се семејството Буневи.

Во Тетово не било познато дека некој Влав преминал во муслиманска вера[2219]. Во нивниот религиозен живот, православната вера била мошне изразена, така тие се молеле три пати дневно. Многу внимавале на црковните церемонии, жените биле многу побожни и морални, постеле секој петок и среда. Тетовските Власи биле големи и чести приложеници но и основачи на цркви и манастири. Во тетовските цркви од секогаш служеле верска служба на старословенски јазик. Мошне често оделе на аџилок во Ерусалим и често се среќавале имиња со додаток на зборот *аџи* или *хаџи*: Хаџи Анѓеле, Хаџи Миче, Хаџи Гого и Хаџи Крсто[2220] и т.н.. Влашките гробишта биле на посебен дел во заедничките православни гробишта кај црквата Св. Никола. Нивните гробови биле карактеристични по скапата изработка на крстовите и надгробните плочи.

Еден од клучните моменти во судбината на Власите во Тетово се случил за време на Првата светска војна, кога многу од нив настрадале, а веднаш по војната многумина од нив се преселиле од економски причини во Скопје. Меѓу нив биле: Лало и Ицо Беломаче, Петре Тафо, Јоан Тафо, Трпе Наумчев, Ѓиго Марков и др. Во Романија отишол Јошко Монев, познатиот тетовски моден кројач и др[2221].

За време на Втората светска војна во Тетово се доселила последната група Власи, претежно од Скопје (иако нивните корени се од други градови како Крушево и Битола), кое било под бугарска окупација. Меѓу нив се семејствата на Томо Дика, неговиот брат Јанко а со нив и Димитрија Коку, Ташко Дабижа и браќата Тома и Кочо Јоку[2222]. Овие семејства мошне бргу се вклучиле во градскиот живот, бидејќи економски биле независни но и добиле голема подршка од старите влашки семејства во градот. Истото се случило и со партизаните на крушевскиот одред *Питу Гули*, кој бил разбиен и дел од борците свое засолниште нашле во Тетово, претежно во домовите на влашките семејства.

Меѓу Македонците во Тетово и Полог постојат и македонски семејства кои по потекло се од источна Албанија, кои со навлегувањето на албанскиот елемент во тие краишта се повлекувале кон западна Македонија. Само во едно свое истражување, до 1947 година, Јован Трифуновски[2223], успеал да евидентира во Полог 333 македонски семејства, кои водат потекло од области во Албанија. Од кои 143 во Горни Полог и 190 во Долни Полог, но и самиот автор

[2219] Истото, 1056.
[2220] Истото, 1057.
[2221] Истото, 1058.
[2222] Цветанка Ѓорѓевска Коку, пензионер од Скопје (1925 -), изјава - 18. 04. 2012, приватна архива Б.С.
[2223] Јов. Ф. Трифуноски, Македонски родови во Полог со потекло од Албанија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје, историско-филолошки оддел, кн. 5, Скопје, 1952, 3 - 15; Јован Ф. Трифуноски.

констатира дека овие бројки се далеку поголеми. Од овие евидентирани 333 семејства до 1947 година, авторот евидентирал дека 32 од нив, го избрале градот Тетово како нивно живеалиште[2224]. Овие 32 семејства се само оние, кои најпрвин од Албанија се преселиле во некои од селата во Полог а потоа во Тетово. Тука не се истражувани доселените македонски семејства од Албанија кои директно се доселиле во градот или преку некои други делови на Македонија. Областите од кои тие доаѓале биле: Љума, Малесија, Мат, Калис, Љура, Гора, Пишкопеја (ГорниДебар), Мердита, Фанди, Елбасан и други краеви во Албанија[2225].

Во 60-тите години на 19. век во Тетово се доселиле неколку српски семејства од Босна, таканаречени *Бошњаци*[2226]. Меѓу нив биле: семејствата Џамбазовци, Бошњаковци, П'рп'ровци и др. Како православни, тие брзо се прилагодиле на новата средина каде што ги прифатиле и обичаите и јазикот на градското македонско население.

Доселените српски семејства, најмногу од Призренско во Тетово брзо се претопувале, прифаќајќи го при тоа македонскиот говор од Тетово и Тетовско, кој им бил близок на нивниот локален говор[2227] и при тоа внесувајќи и некои свои елементи на говорот и традициите и обичаите на косовските Срби.

Србите од Косово, во Тетово се нарекувани под едно име *Призренлии*[2228]. Во изворите уште во првата половина на 19. век се среќаваат имиња со прекар (тет. лагабија) *призренец* или *призренли*. Во книгата *Утешение грешним* – Симо Призренец, Илија Призренец, во книгата *Служение еврејско*, потпишан е Илија Стојанович Призренли (1839г.) и во *Житието на Св. Григориј Омиритски,* Христо Станолов Призренли (1852г.)[2229]. Мошне ретко некои од нив биле нарекувани како Косовци или со прекари како Ѓиго Србинче.

Покрај доселениците од самиот Призрен, поголемиот број на семејства се од призренската околија, особено од селото Драјчиќ, општина Љубинска, но сите тие во Тетово го носат името *Призренлии*. Во 1915 година во Призренско имало мошне голема суша и економска криза, по што во Тетово се доселиле повеќе семејства од тој крај. Најмногу од *Призренлиите* во Тетово се населувале во *Горно маало*, околу црквата *Св. Богородица Хтетовска*[2230].Тие, иако говорно се претопиле и се измешале со Македонците, повеќето од нив ги сочувале народните традиции за нивното српско потекло, за спомените на Косовската битка и народните српски јунаци, што како преданија ги пренеле и во животот на дел од тетовските

[2224] Истото, 9.
[2225] Истото.
[2226] Тетово и Тетовско . . . цит. Дело, 241. И денес едно од тие семејства во градот се познати како Бошњаковци.
[2227] М. А. Селищев,Полог, . . . 73 – 74.
[2228] Истото, 186 – 187.
[2229] Истото.
[2230] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 08. 2006.

семејства. Меѓу најстарите и најпознати семејства со српско потекло во градот биле: Богојевиќи, Парлиќи, Батлаковци, Шурдиќ, Савиќ (Стојислав и Димитрија[2231]), Угриновиќ, Јоргушевци, потоа имало и други семејства: Томиќ, Недељковиќ (Мита и Неделко), Ѓериќ, Станојевиќ, Стаменковиќ, Тодоровиќ[2232], Јефтиќ,семејствата на Јордан А. Сотировиќ Тоскиќ, Душан Алексиќ, Станимир Симиќ, Михајло Петковиќ, Митре Петковиќ, Ѓиго Црвенковиќ, Анѓелко Танасковиќ и др. Призренлиите во Тетово биле познати по абациството и терзиството, посебно во изработката на делови од чинтијањето. Според едно истражување од дваесеттите години на 20. век, сите терзии во градот имале потекло од Призренско[2233]. Ако го земеме фактот дека градската носија во Призрен била идентична со тетовската, тогаш доселувањето на терзиите во Тетово било поврзано со недостигот на таквиот занает во Тетово, за кој се појавила потреба во средината на 19. век, со што истите обезбедиле во градот сигурна егзистенција. Во овие терзии и абации се вбројуваат: Јефтиќ Неделко, Јефтиќ Сибин, Спасое Софтиќ, Томиќ Ѓорѓе, Никола Младеновиќ, Милош Стојановиќ, Никола Крстиќ, Светозар Марковиќ, Мита и Неделко Недељковиќ и др[2234]. Покрај терзиството, многу се занимавале со сродната дејност абациство и со арабациство. На Призренлиите треба да се додадат и т.н. *Косовци*, односно доселени Срби од Косово во полошките села[2235], чиј број не бил мал и дел од нив се доселувале и во градот Тетово. Доселувањето на призренлиите продолжило и во средината на 20. век[2236].

Во втората половина на 19. век, доселувањето на нови македонски семејства во Тетово се одвивало засилено се до периодот меѓу двете светски војни и тоа најмногу од полошките, шарпланинските, подсувогорските, реканските и поречките села.

Иако е тешко да се зборува за егзактни бројки во 19. век, извесни показатели од повеќе годишните теренски истражувања ни дава антропогеографот Јован Тифуноски[2237], кој, меѓу другото ги евидентирал семејствата од селските родови во Долни и Горни Полог кои во

[2231] Димче Савески - првоборец и после Втората светска војна, генерал.
[2232] Божидар Васовски Тупанче . . . цит. дело, 13. 12. 2006.
[2233] ДАРМ, Скопје, Филозовски факултет . . . цит. Фонд. 1/1377, Десанка Д. Марковић, О женској варошкој тетовској ношњи, 03. 01. 1929.
[2234] ДАРМ, одд. Тетово, Околиска занаетчиска комора Тетово, 1920 - 1965, АК - 1.
[2235] Jovan Trifunoski, Kosovci u severnoj Makedoniji, Glasnik Muzeja Kosova i Metohije, VI, Priština, 1961, 173 – 174. Според теренските истражувања на Трифуноски, во с. Вратница имало 13 родови со 147 домаќинства, во с. Беловиште 3 родови со 36 домаќинства, во Рогачево 4 рода со 25 домаќинства, во Теарце 5 родови со 20 домаќинства, во с. Доброште 3 родови со 15 домаќинства, во с. Сетоле 7 родови со 9 домаќинства, во с. Лешок 2 рода со 5 домаќинства. Од 1912 година повеќе семејства се доселувале во рамнинските села: во с. Јегуновце 3 родови со 25 домаќинства, во с. Јанчиште 7 родови со 21 домаќинство, Жилче 2 рода со 11 домаќинства, во Ратае 4 родови со 9 домаќинства, Подбреѓе 4 родови со 8 домаќинства, Сараќино 6 родови со 11 домаќинства, Сетоле и во други села уште 10 до 15 домаќинства. Притоа важно е да се спомене дека меѓу т.н. *Косовци* има голем број со македонско етничко потекло и тоа особено на оние со потекло од областа Гора, кои според јазикот и етничките карактеристики се дел од македонскиот народ.
[2236] Радослав Меновски, цит. извор, 26. 07. 2010.
[2237] Јован Трифуновски, Полог, антропогеогравска проучавања, САНУ, Београд, 1976.

периодот од втората половина на 19. век до 1947 година, се преселиле во Тетово. Така, според овие истражувања во Тетово се доселиле 276 од Долни Полог и 131 македонско семејство од Горни Полог. Во најголемиот број случаи, исселувањето од полошките и шарпланинските села се одвивало поради зулуми од новодојдените Албанци[2238]. Насилствата на качачките банди во Полог и Шар Планина добиле свој замав пред, за време, и по Илинденското востание[2239]. Голем бран на доселеници од тетовските села во градот имало и во 1901 година како резултат на мошне зачестените албански злосторства[2240].Досега познатите натписи на надгробни плочи од старите тетовски гробишта на Колтук кои билезабележани од разни истражувачи и патеписци ги потврдуваат овие сознанија[2241]. Меѓу овие доселени семејства се и оние кои потекнувале од чифличките села во Полог. Тие, според Цвијиќ, како и во други делови на Балканот каде што постоеле чифлички села, суровиот живот наметнат од беговите развиле специфичен менталитет на работливост но и понизност, навикнати на ропство: ... *во тешката борба за живот, меѓу самата раја се зазвиле чувства на завист, омраза, понекогаш и пакост* ... притоа истиот тврди дека не треба премногу остро да се осудуваат овие стварни маани: *тие не се производ на битните особености на самото население, туку на суровото владеење кое го поднесувале*[2242].

Горнополошкото село Пожаране е едно од покарактеристичните села од кои во Тетово се доселила поголема колонија на македонски семејства и која одиграла значајна улога во целокупното живеење на градот. Овие семејства кои во Тетово се доселувале континуирано во период од еден век, од половината на 19. до половината на 20. век, во градот се познати како *Пожаранци.*

Најголемото доселување на Пожаранците во Тетово се случило во 1876 година за време на Српско - Турската војна кога во Тетово се доселиле 40 семејства[2243]. Таа година, како и секогаш кога Османлиската империја водела војни, во Полог настанувал хаос со навлегувањето

[2238] Истото, 76, 79, 171, 174, 183, 191, 210, 213, 347;

[2239] Бранислав Светозаревиќ, Тетово и Тетовско во Илинденскиот период 1895 – 1905, ДАРМ, Скопје, 10 – 12, 85 – 96, 152 – 156.Милош Јагодиќ, Српско албански односи у Косовском вилајету (1878 – 1912), Библиотека Јазон, Београд, 2009, 44.

[2240] Милош Јагодиќ, Српско албански . . . цит. дело, 243.

[2241] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет Скопје (1920 - 1941), АК - 42, 1/490, Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима. Радивоје Богојевиќ запишал неколку натписи кои ги нашол во дваесеттите години на 20. век: Гане Петревъ, палчіѱанец 1851, Ане Мîлошовѣ Родом ѿ єдоарце 1875, Цветко Гечовъ ѿ ПожараNє - *1877* и . Според истиот автор голем број од старите надгробни плочи се употребени при ѕидањето на новата црква *Св. Богородица Хтетовска.*; Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 103. : Здѣ почіва раБ Бжій Іωсіф ПАлеф ѿ село Пожаране (у Гостивара) претстависѧ оу Тетово, во 1867 аугустъ 24, а поживе всѣхъ лѣт 57 прічитающимся речитЕ Бгъ да прости.

[2242] Јован Цвијиќ / Иво Андриќ, О балканским психичким типовима, Просвета, Београд, 76 - 77.

[2243] Б. Јосифовиќ, Пожаране најстарије и најнапредније село у Јужној Србији, Правда, Београд, 14. 06. 1934; Тетово и Тетовско . . . цит. Дело, 255.

Page398

на Албанските качаци. Пожаране, кое се наоѓа блиску до границата со Албанија, било меѓу првите села на удар на овие пљачкосувачки орди. Тие најмногу ги пљачкосувале стадата со овци, а човечките животи немале никаква цена. Качаците го убивале секој оној кој ќе им се спротивставел или нељубезно се однесувал кон нив додека тие го ограбувале[2244]. Во одбрана на својот имот и своите животи Пожаранците се здружувале и организирале потери по качаците и одведената стока. Иако плаќале посебни луѓе меѓу Албанците за да им ја чуваат стоката, кои биле наречени *деридеџии*, а плаќањето *деридеџилок*, сепак на крајот морале сами да се борат за својот опстанок, па се случувало да им успее стоката да ја вратат а при тоа и некои од нив погинувале во борбите. До 1912 година бројот на доселенитепожарански семејства во Тетово се искачил на околу 80[2245]. За годините на доселувањето на некои семејства од селото Пожаране во Тетово, дознаваме од еден *Список на србомански семејства*, составен од бугарската пропаганда во Тетово во 1908 година. Семејствата на Здраве Симјанов, Софре Тофилов, Герасим Милев, Андреа Крајов, Израил Димитриин, Ецо Димитриин, Спиро Димитриин, Новак Тодоров, во Тетово се населиле во 1888, Аксо Димитриин и Дамјан Димитриин, во 1890 год., Новак Богоев, Мирко Богоев во 1893 година, Јанче Несторов во 1898, Јован Трипунов во 1903 година, Јаким Трајков, Георги Аврамов, Најдо Серафимов во 1904 година, Мате Петрев, Заре Петрев во 1906 год. и Израил Јоргакин во 1907 година[2246]. Семејствата на споменатите Заре и Мате Петреви биле доселени уште во 70-тите год. на 19. век, но тие уште како мали деца долги години се до 1906 години повеќе живееле во Истанбул каде што имале ортачки две фурни. Други Пожаранци: Јаким Андоновски, Александар Ѓоловски, Тодор Костовски, Илија Пандиловски, Трифун Пандиловски, Премче Пандиловски, Угрин Пановски, Тодор Радичевски, Родителите на Благоја и БорисСерафимовски - ќуркчии, Цветан Миновски, Стефан Миновски, Некои од пожаранците, поради заканите и несигурноста на животот, во Тетово се доселиле за време на Втората светска војна.

[2244] Истото. Поради тоа, најугледните и најбогати Пожаранци биле принудени да се исселуваат низ повеќе градови во Србија, во Скопје и најмногу во Тетово. Се заканувала опасност од целосно исселување. Но во таа намера селаните ги спречил свештеникот Захарија Петровски, кој ги собирал селаните и ги учел дека тоа е грев да се напуштат огништата и гробиштата на нивните татковци и ги охрабрувал да опстанат. По 1918 година, кога српските војски и жандарми, заедно со месното население успеале да ги ликвидираат качаците и да го сопрат тој пакосен занает, селото доживеало вистински процут. Лидерството во селото го превзел помалиот син на Захарие, Тодор Петровски по чија организација и сложност во 1922 година во селото за кратко време, биле изградена училишна зграда, во нејзините рамки биле отворени читална и библиотека, а во училишниот двор Тодор подигнал Лозје со американска подлога, потоа овошен и шумски расадник, со кој се пошумиле голините на Шар Планина, каде се наоѓало и селото, а за селаните истиот организирал калемарска и земјоделска обука. По угледот на училишното лозје, селаните од Пожаране набрзо засадиле 46. 000 лозни калеми и овошни дрвца. Со заеднички сили е изграден и објект на Задружен дом со 12 простории од кои две биле издвоени за посета на туристи и патници во селото. Во 1927 година било основана и Месна кредитна задруга, која успешно функционирала.

[2245] Бора Јосифовиќ, Село Пожаране, Вардар, Скопље, 14. 10. 1933, 4.

[2246] ДАРМ, Одд. Тетово, Копии на документи за Тетово и Тетовско од други архиви.

Пожаранците во Тетово, мошне бргу се снашле, биле вредни и способни луѓе кои најпрвин работеле најмногу како воденичари на големиот број воденици во Тетово, потоа како фурнации и печалбари, за да нивната втора и трета генерација играат значајна улога во Тетово како занаетчии, интелектуалци и политичари, со факултетска наобразба. Така, меѓу највлијателните луѓе во Тетово се и двајцата пратеници од овој град со потекло од Пожаране, а тоа се Стојадин Димитријев(иќ)ски и Марко Петров(иќ)ски. По Втората светска војна, Веселин Пандиловски е првиот претседател на општина Тетово. Пожаранците од Тетово дале свој придонес и во илинденскиот период. Еден од нив бил и Премче Пандиловски, кој со неговиот татко биле приврзеници на Јане Сандански[2247]. Меѓу најистакнатите тетовчани - пожаранци е и Александар Ѓолов(иќ)ски[2248] исто со потекло до с. Пожаране. Тој, како студент во Петроград се приклучил кон Македонското петроградско друштво на Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски и другите врвни македонски интелектуалци. По Првата светска војна, станал конзул на Кралството Југославија во Истанбул.

Убавината на пожаранките е опеана во две тетовски староградски песни. Едната песна е многу позната и се пее во неколку држави на Балканот а тоа е песната *Благуњо дејче, Пожаранче*[2249], инаку сестра на Александар Ѓоловски, и втората песна била посветена на убавата *Магда Пожаранка*[2250].

Лавчаните, имаат една своја специфика, по тоа што ова село, покрај староседелците Лавчани, таму се доселувале и Македонците од горнитешарпланински села по течението на реката Пена и нејзините притоки[2251].Близината на градот им овозможувала на Лавчаните, брза и секојдневна комуникација со градот. Тие своите деца и сите други религиски обреди ги

[2247] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 - 1905 година. ДАРМ ,Скопје, 2003, 80 - 82.

[2248] Семејството Ѓоловци, според раскажувањето на Александар Ѓоловиќ, потекнувало од селото Радомир, во Калис, на западната страна од планината Кораб. Таму и во триесеттите години на 20. век живеело семејството на Ѓоло ќаја. За да се сочуваат како семејство, оние членови кои останале во с. Радомир се исламизирале и поалбанчиле, додека другиот дел од нив кои не сакале да ја сменат верата избегале и се преселиле во с. Пожаране во седмата деценија од 18. век. Во семејството се сеќавале дека и понатаму комуницирале и оделе на гости едни кај други. Тома Смиљаниќ, Мијаци . . . 78.

[2249] Владимир Кочоски, Песни и судбини, Напредок, Тетово, 2006, 33 - 44.

[2250] Со оглед дека оваа песна речиси е заборавена, го пренесуваме стихот кој е запишан во весникот Правда во 1934 година:

Бог да бије, Магдо, твојта мајка,
Твојта мајка, Магдо, Пожаранка,
Што те роди Магдо, така убава
Ме изгори Магдо, ме попари,
Што не те дава за мене . . .

[2251] Јован Трифуновски, Полог, . . . цит. дело, 351. Имено, со продирањето на албанските муслимани во селата, Бозовце, Вејце, Вешала, Бродец, Шипковица, така под нивниот притисок, дел од Македонците се исламизирале и албанизирале а дел се исселувале. Најмногу од нив се преселиле во Тетово, но еден помал дел на семејства, од Шипковица, Бродец и сувогорското село Желино, го одбрале Лавце за нивно живеалиште, поради продолжувањето со сточарството како основна дејност и воедно близината на градот. Но тоа не значело дека биле сосема безбедни. Во селото се памети дека тоа било три пати запалено и исто толку пати опљачкано од селаните Албанци од селото Ѓермо.

извршувале во тетовската црква Св. Никола. Како сопственици на стада овци, кози и крави, секојдневно го обезбедувале градот со млеко и млечни производи, а биле познати по лавчанската *муќејница.* Лавчаните од почетокот на 19. век започнале полека да се преселуваат во градот, со тоа што купувале ниви, лозја, а потоа и куќи и тоа најмногу во маалото Колтук. Меѓу овие семејства имало доста богати, кои поседувале поголеми стада на овци и кози и кои благодарејќи на тоа купувале имоти во градот. Од семејствата и поединците со потекло од Лавце во градот биле: Томо Лавчанец Ќуко, Ѓоце од Манчуловци, Васил и Сандре од Никовци, Перко, Томо од Божинои, семејството на Стеван Томовски, Томо Анѓелковски, Ѓиго Кобилче, Лазои, Ќировци, Младеновци, Мичевци, Апчевци, Јовановци и др.

Покрај Пожаранцитеи Лавчаните, во Тетово од оние села или региони од кои имало повеќе доселени семејства добивале заеднички називи како што се: *Требошани или Требошевци:* Стојан Дограмација, *Грачани* (од с. Градец) *и Брезјани* (по името на последните каде што се населиле, наречено е *Брезјанското маало;* Брезјани: Трпе Димовски, Спасен Јанчевски, Филип Филиповски, Ананија Ј. Филиповски, Божин Настовски, Ристо Петровски, семејството Трифуновски, Поп Трпко Мојсиловски, Јелена Цветкојца Брезјанка), *но и по региони Поречани* (Стеван Силјановски Пореч, Димко Силјановски Пореч, Трајче Цветановски Пореч, Неделко Алексовски, Крсто Пореч,), *Волковчани*(Јован Трпковски, Карафил Трпковски, Тодор Трпковски, Душан Трпковски, Ѓорѓи Арсовски, Димче Меновски, Раде Меновски, Ангеле Симјановски,) и др., но и од градот *Гостивар* (Панта Јовановски, Митре Самоиловски, Манојло Илиевски,)

Во Тетово и Тетовско, во 18. и почетокот на 19. век имало доселување на македонски родови од Скопски Дервен[2252]. Такво е семејството Дрдевци, кое својот прекар го добило по зборот Дервен[2253].

Во втората половина на 19. и првата половина на 20. век, во континуитет во Тетово се доселувале и жителите од двете села на повисоките делови од планината Сува Гора со преостанато православно население, Луковица и Долна Лешница (Томо Јовановски, браќата Ѓорѓе, Блаже и Ристо Василевски, Симо Василевски, семејството на Паунка Силјановска, Јован Димитриевски, Хаци Анто Момиров,

Една колонија доселеници од источна Македонија во текот на втората половина на 19 век се населила на падините Балтепе, познати во градот како *Колтучани*, кои својот назив го

[2252] Јован Ф. Трифуноски, Скопски Дервен, антропогеографска испитивања, Насеља и порекло становништва, САН, Одељење друштвених наука, Београд, 1952, 340 - 342, 365, 368, 382, 412, 414.
[2253] Перо Дрде (1940 -), пензионер од Скопје.

добиле според маалото Колтук[2254]во кое се населиле. Тие во Тетово дошле како работници на поимотните тетовчани, особено кај *Лавчаните* кои тогаш претежно живееле во Колтук во градот и постепено се населувале[2255].

Бројот на Србите во Тетово се зголемил во времето на владеењето на Кралството Србија (1912 - 1915 год.) и во времето на Кралството СХС / Југославија (1918 - 1941 год.). Во овие периоди во Тетовопродолжило доселувањето на Срби од Косово, но и Срби од другите подрачја на Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и тоа како службени лица во државните служби и како униформирани лица во жандармеријата и војската. Српскиот јазик и култура се наметнале како службени и државни, но не успеале да надвладеат над македонскиот елемент, кој и понатаму продолжил да ги негува специфичните традиционални етнички и јазични особености. Во секојдневната комуникација, дури и семејствата со поранешно српско потекло продолжиле во своите домови да го зборуваат македонскиот народен говор, карактеристичен за Тетово. *Децата на српските учители и службеници или на призренлиете се претопуваја во чисти тетовчани, не се издвојувале, туку се вклопувале*[2256].

Во периодот меѓу двете светски војни во Тетово се населила и една руска колонија на т.н. *Белогардејци*, пребегнати од Русија за време на Октомвриската револуција и кои нашле своја заштита во Кралството Југославија. Меѓу белогардејците имало Руси, *Украинци, Белоруси и Евреи. Сите тие во Тетово биле нарекувани како Руси*[2257]. За овие руски доселеници е карактеристично што претежно дошле од машкиот пол, додека жени имало значително помалку. На нив како школувани дефицитарни кадри од различни струки, тогашната држава, брзо им нашла работни места и работеле во општината, училиштата, црквите и во различните државни цивилни служби и управи.

Руските емигранти, мошне брзо се претопиле во македонската етничка средина. Најголемиот број од нив се ожениле за Македонки од Тетово. Тие со својата култура и образование дале свој придонес во ониестручни или културни области со кои се занимавале во

[2254] Според Драго Симовски, името Колтук доаѓа од зборот *колце* (тркало – тет.) значи кривина, која на тој дел и навистина постои.

[2255] Според етнологот д-р. Миодраг Календар Хаџи Ристиќ универзитетски професор - етнолог од Скопје, подалечното потекло на колтучаните им било Египетско. Тие во Македонија се доселени од турските власти и од секогаш биле со православна вера. Тие во Тетово, дошле веќе како претопени Македонци со обичаите и јазикот на македонското население. Биле мошне сиромашни и силно приврзани кон православната вера.

[2256] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 08. 2007.

[2257] Оливера Гиченко, Без враќање, Напредок, Тетово, 2009, 5; Бранислав Светозаревиќ, Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата - 75 години развој, Тетово, 2002; Димче Савевски, Партиски активисти . . . цит. дело, 357; ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија Тетово), АК. 38.

нивната татковината[2258]. Во образованието ги имало толку многу во Тетово, што во извештајот од 1923 година на директорот на тетовската гимназија се вели дека нивното непознавање на српскиот јазик, ќе влијаело лошо врз образованието на учениците[2259]. Русите до 1941 година биле организирани во своето *Руско здружение*[2260], кое првенствено ги негувало роднокрајните културни традиции. Тие со своите новооформени семејства дале свој значаен придонес во животото на градот Тетово и по Втората светска војна.

За време на Втората светска војна миграцијата на македонското население се зголемила. Поголем број семејства, се одселувале во Скопје, а одреден број на семејства од селата во Полог се доселувале во Тетово. Таков драстичен пример бил со Македонците од гостиварското село Сенокос, кои во 1942 година, после убиството на нивниот првенец Павле и заканите за убиства на другите, комплетно се исселиле од ова село. Последните осум семејства од сенокосците се преселиле во Тетово[2261]. Сличен е случајот и со Македонците од соседното село Градец, кои континуирано под злосторствата на Албанците се исселувале за да последните семејства тоа го направат за време на Втората светска војна[2262]. Слична судбина имале и Македонците од Тетовското село Требош, кои во најголем дел се исселиле во овој град за време на војната. Интересно е што во Тетово за време на војната се доселиле неколку влашки семејства од Скопје, пред се од економски причини[2263].По завршетокот на Втората

[2258] Руските доселеници кои се доселиле во Тетово и тетовско биле: Алексејенко Сергије, Бабенко Глигорије, Биченко Михајло, Васиљев Константин, Вишемирски Александар, Владимиров Александар, Глаткиј Константин, Глигорчук Петар, Гиченко Ѓорѓи, Дрејер Александар, Дивков, Дјуженко Иван, Моховски, Емилјанов Стеван, Житков Павел, Заблоцки Николај, Заблоцки Валентина, Замаренко Николај, Звајгане Меланија, Јанушев Николај, Карпов Глеб, Контраденко (Павле), Лосев Всеволод, Лихолет Владимир, Леснов Всеволод, Левкин Василиј, Медвједев Фјодор, Муквас, Педашенко Рафаил, Морозов Т. Иван, Писарев Михаило, Позњаков Ирина, Расновски Григорије, Рудин Евгеније, Рибас Владимир, Рјабошапко Глигорије, Рудин Евгеније, Рибас Владимир, Рјабошапко Глигорије, Расторгујев Јосиф, Рубјов Николај, Семјонов Бенедикт, Синјурин Андреја, Соловјев Леонид, Сидоров Владимир, Северинов Аркадије, Самарски Константин, Синјурин Андреа, Темиров Илија, Тихи Никита, Фалотов Никола, Шќепкин Валентин, Штритхов Алберт, Виржиковски Леонид, Христенко Никола, Скурликов Александар, Есипов Сергије, Дмоховски Владимир, Миглевски Владимир, Позњаков Ирина, Звајгане Меланија, Подњаковиќ Борис, Паливодин Мануил, Петар Чистосеров, Глигорије Волков, Андреј Сергеевич Безухов и др.

[2259] ДАРМ, Скопје, Министерство за просвета на Кралството СХС, Белград (Гимназија Тетово, бр. 818, 24. 10. 1923.), АК. 38. Марија Јовановиќ, Просветно – политичките прилики во вардарска Македонија (1918 – 1929), Студентски збор, Скопје, 1983, 122.

[2260] Глас Пологa, Тетово, Избор управе руске колоније у Тетову, 10. 04. 1937, 3; Глас Пологa, Тетово, Годишња скупштина руске колоније, 09. 04. 1938, 3.

[2261] Изјава на Владо Србиновски, (1930 -), пензионер од Тетово, лична архива; Јован Трифуновски, Полог . . . цит. дело, 279. Исселените македонски родови во Тетово во 1942 година биле: Миркови, Павлеви, Глигурови, Мојсови, Алексови, Матеви и Радеви. Во нивните куќи, насилно се вселиле Албанци од Сенокос и другите околни села. Црквата и гробиштата кои се наоѓале во горниот дел на градот на патот кој водел кон селото Градец. Македонците, повеќе никогаш не се вратиле на своите имоти. Еден Македонец, кој во 1949 година се обидел да ги собере сливите во својот овоштарник во селото бил убиен.

[2262] Истото, 280 – 281.

[2263] Цветанка Ѓорѓевска Коку, цит. информатор.

светска војна одреден број на семејства кои се преселиле во Скопје, повторно се вратиле во Тетово, но поголемиот број, засекогаш се исселил.

Во 1950 година, почнувајќи од месец март, во Тетово започнува доселувањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија[2264]. Тие, за време на граѓанската војна во Грција, биле насилно протерани од своите огништа, поради својата идеолошка и национална определба на суров начин, при што од страна на грчките власти извршен е масовен геноцид и егзодус, кој наполно ќе ја измени демогравската слика на тој дел од Македонија.

Сите овие доселувања на семејства од северозападниот дел на Македонија, Србите и Власите, втопени во македонскиот доминантен супстрат, во Тетово создале една интересна комбинација на менталитет, учествувајќи во него со своите карактеристични белези, не само во менталитетот, туку, во јазикот, облекувањето, архитектурата, верските обреди, исхраната и т.н.

Емиграциите на тетовските семејства во други краишата. Историските извори ни даваат докази за континуирано исселување на Македонците од Тетово низ вековите. Причините за исселувањето на Македонците од Тетово се повеќе, но две од нив се најдоминантни: социјално-економски и политички. Социјално-економските причини за исселувањето биле присутни во континуитет во сите периоди, системи и режими, односно социјалната и економската положба на населението во градот речиси без прекин била тешка за поголемиот дел од населението. Политичките исселувања од градот се случувале после одредени политички и воени промени и настани. Ваквите исселувања најчесто биле принудни и многу потешки. Најдрастични примери за тоа се периодите после Карпошовото востание (1689), Востанијата на соседните балкански народи низ 19. век, Источната криза (1875 – 1878), Илинденското востание (1903 – 1905), по протерувањето на турските власти од Македонија (1912), Балканските и Првата светска војна (1912 – 1918) и по воспоставувањето на италијанско – албанската власт во градот (1941 – 1944). На таков начин, демографската слика на полошкиот регион и самиот град Тетово се менувала. До денес, науката не располага со точни податоци за бројките на исселените Македонци за време на овие настани и по нив.

По воспоставувањето на Кнежевството Србија, се создале услови за исселување на христијаните од "*неослободените краишта*" на Балканот и населување на напуштените имоти од страна на Турците, во рамките на тоа Кнежевство. Меѓу другите, се исселувале и луѓе и семејства од Македонија и Тетово[2265].

[2264] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 57, СО Тетово, АК -16, 27 – 31/ 45 – 56.
[2265] Љубиша Доклестиќ, Македонците во Србија и нивното учество во нејзиниот стопански и општествен живот во XIX век, ГИНИ, бр. 1-2, Скопје, 1969. 9 – 11.

Исселувањата на тетовчаните во Бугарија и кога оваа земја се наоѓала под власта на Османлиската империја се одвивале во континуитет во помали или поголеми бранови уште од 16. па се до 19. век[2266]. Во 1878 година кога е формирано Кнежевството Бугарија па се до 1912 година, станала една од земјите во кои тетовчаните оделе на печалба , а некои од нив и трајно се исселувале.

Во периодот по Првата светска војна во Бугарија се исселиле извесен број на семејства, кои мигрирале поради режимот во рамките на Кралството СХС, сметајќи дека ќе наидат на подобри услови за живот во Бугарија, но и поради националното убедување на некои од нив. Сепак, во Бугарија уште во турскиот период многу печалбари стекнале значаен имот во оваа држава што секако бил дополнителен мотив за целосно исселување на некои семејства. Така во една статистика од 1928 година, во Бугарија биле регистрирани вкупно 54 бегалски семејства од тетовската околија. Од нив 29 во градот Русе а останатите во Варна, Петрич, Софија, Трново и други градови[2267]. Во Софија и во други градови на Бугарија постоеле македонски друштва, поделени според местото на живеење. Така меѓу оние организации кои дале заем за изградба на Македонскиот културен дом во Софија фигурираат и *Тетовско-Гостиварско благотворително братство*, како и *Тетовско- Гостиварско женско друштво*[2268].

Во 19. век забележани се и извесни исселувања на семејства од Тетово во Кичево и Кичевско[2269].

Исселелувањето од градот Тетово во Скопје и скопската околија, според турските пописи од 19. век и одредени истражувања, покажуваат дека се одвивало континуирано[2270]. Во 20. век миграцијата на тетовчани во Скопје и Скопско продолжила со несмален интензитет. Голем број на исселени македонски семејства од Тетово во Скопје се случил во 1941 година, кога дошло до поделба на македонската територија меѓу Италија и Бугарија[2271]. Плашејќи се

[2266] Д. Яранов, Преселническо движение на Българи оть Македония и Албания къмь източнитѣ български земи презь XV до XIX вѣкь, Македонски прегледь, кн. 2 и 3, София, 1932, 63 - 119.

[2267] Крсте Битоски, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1962, 192.

[2268] Македонски научењ институтъ,Отчетъ на македоския научењ институтъ за 1938 година, София, 1930, 29.

[2269] Тома Смиљанић, Кичевија, Српска Краљевска Академија, Београд,, 1935, 387, 416

[2270] Јован Трифуноски, Слив Маркове реке, антропогеографска проматрања, Филозофски факултет Универзитетот – Скопје, посебни изданија, книга 7,Скопје, 1958, 45 – 46, 100

[2271] Точна евиденција за исселените тетовчани нема но од моите досегашни истражувања со сигурност биле исселени следните семејства: Дончо Апостолов, Трифун Х. Апостолов со семејството, дел од семејствата Божиновски - Ѓупевци (Ристо и Мара), Беломачевци, семејствата Белака, Ѓиче Бојациев Бербер со семејството, Боро Т. Божиновски Жеро, Тоде Васовски Тупанче со семејството, Димо Гогуш со синовите, Вукашин Герасимовски, Гаповци, Јован Ѓеро Грнчаровски со семејството, Змејко Даниловски со семејстово, Томе Ефремовски, Ѓеро Јањевиќ со семејството,Никола Јанушев и Крстана со децата, Тодор Јовановски Љуро со семејството, Угрин П. Јосифовски со семејството, Ацо Каранфиловски со семејството, Јован Л. Матовски со семејството, Мечкини, Андреа Мишевски со семејството, Никола Момировиќ Банка (со семејството во Белград), Глигорие Николоски, Симо Пошта

дека ќе останат да живеат во склоп на Голема Албанија, се одлучиле да ги напуштат своите домови. Во Скопје, постоел некој одбор кој ги примал овие бегалци и ги распоредувал по домови кои биле напуштени, а некои од нив се сместувале по роднини. Повеќе од тетовските бегалци ги сместиле во селото Огњанци кај Зелениково – Скопско. Таму ги сместиле во куќите на некогашните српски колонисти кои за време на војната се вратиле во Србија и другите краишта од каде што потекнувале[2272]. Помал број од тетовчаните во 1941 година се преселувале во други места, како Белград[2273], Велес, тетовските села под бугарска окупација и т.н. По ослободувањето на Тетово, еден дел од овие семејства се вратиле во Тетово.

Поради помала конкуренција во Гостивар, неколку тетовски занаетчиски семејства се преселиле во триесеттите години во овој соседен град[2274].Меѓусебните трговски односи, но и политичко социјални причини придонеле за миграциски движења и на православното население на Тетово и Призрен. Така, како што се доселувале *призренлии*, не бил мал и бројот на тетовчани кои се преселиле во Призрен[2275].

Одењето на печалба, во Полог, било мошне честа и масовна појава. Еден од доказите за долгата традиција на печалбарството биле и востановените традиции кои се изведувале при тргнувањето на печалбарите, нивната комуниикација со родниот крај, како и традициите при враќањето, односно нивното пречекување[2276].Постоеле повеќе причини за појава на печалбарството:Уништувањето на сточарството и големите и континуирани насилства од новодојдените Албанци[2277] во македонските села во Полог; Пренаселеност во градот, каде дошло до вишок на работна сила; Општата економска состојба на Османлиската империја.

Според едно истражување, печалбарството потекнува уште по завршетокот на Австро-турската војна од 1689 година[2278]. Првите, досега пронајдени документи за печалбарството на поголеми групи од Тетово, не упатуваат во почетокот на 19. век. Уште во 1833 година во едно писмо на Кирил Пејчиновиќ споменува дека одел на *гурбетлук*[2279], турски термин за печалбарството, кој бил прифатен од македонското население. Во 1873 година во еден список

со семејството во Бугарија а дел во Скопје, Никола **П**авловски Бутика, Тоде **П**атале со семејството, Јово **П**апеш со семејството, Александар **П**аноски, Анание **П**оповски со семејството во Крагујевац, Јоше **Р**истов со семејството, Павле **С**имовски со семејството, **С**калоски, Панта **С**иљановски (со семејството во Велес), Методи Томо **С**ерафимов, Петар Т. **С**имовски Пинцур, Михајло **С**ерафимовски со семејството, **Ч**анаковци, Стојан **Ш**ваба со семејството и др. Треба да се потенцира дека дел од овие семејства по завршувањето на втората светска војна се вратиле во градот по две основи, самоиницијативно и по наредба на властите.

[2272] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 06. 2007

[2273] Во Белград се преселиле некои семејства со српско потекло, кои како службеници, свештеници или униформирани лица работеле во Тетово, но и некои македонски семејства.

[2274] Види под наслов Занаетчии.

[2275] Димитрије Богдановић, Књига о Косову, САНУ, Београд, 1986, 106.

[2276] Rudolf Petrović, Polog . . . цит. дело, 31.

[2277] Истото, 32; Тодор Геровь, При Шарь . . . цит. дело, 19.

[2278] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 40.

[2279] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 259.

на печалбари во Белград, биле евидентирани 16 луѓе од Тетово и сите работеле како меанции[2280]. Во 1897 година, на еден список на печалбари од Македонија во тогашното Кралство Србија имало и 134 печалбари од Тетовската каза[2281]. Според занимањата кои ги работеле во Србија, од нив 31 работеле како пекари, 16 бозации, 14, меанции и келнери, 10 месари, работеле и како пајтонции, млекари, ѕидари, бакали, слаткари, бичкиции, служители, маскари, општи работници и др[2282].

Воено-политичките настани на Балканот во 19. и 20. век, го потикнувале печалбарството и миграциите воопшто[2283]. Така по ослободувањето на Србија и Романија, голем број на печалбари од Тетово се упатиле во овие држави, како и во руските градови Одеса, Киев и Петроград, најчесто како пекари и бозации[2284]. Слично се случило и после 1878 година по завршувањето на т.н. Источна криза кога голем број на Македонци од Тетово се упатиле на печлаба и во Бугарија. По Илинденското востание во 1903 година, САД станале новата дестинација на печалбарите од Тетово. Печалбарството најголеми размери зело во 1913 година, по Втората балканска војна. Во други подалечни земји на печалба оделе многу поретко, како што е примерот со Панде Ристовски кој во 20-тите и 30-тите години на 20. век бил на печалба во Аргентина[2285].

Најголема колонија на тетовски печалбари во рамките на Османлиското царство имало во Цариград, каде што најмногу работеле како бавчованции (градинари) и пекари[2286], во Александрија, Ерусалим, Солун и др. градови. Според Селишчев[2287], во 1913 година, печалбари од Тетово и Полог имало најмногу во Бугарија, Србија и Романија а имало и во Русија и тоа најмногу како пекари, бозации, меанции, месари, алвации и др.Според едни истражувања[2288], од Тетово и околината до 1912 година, има околу 500 луѓе во САД, околу 10.000 луѓе во Романија, околу 2.000 луѓе во Бугарија, околу 500 луѓе во Русија но и повеќе илјади во Србија. Во САД, тетовчаните во почетокот најмногу оделе во градовите Сент Луис, Кливленд, Портланд и Детроит и тоа најмногу во фабрики, но имало и 10 пекари со своите пекарници. Во Романија работеле како пекари, бозации и шеќерции во Букурешт, Констанца, Плоешти и др. места. Тоа истото го работеле и во Бугарија, во Софија, Русе, Пловдив, Варна и други градови. Во Србија работеле пекари, месари, меанции, млекари ѕидари, пиљари и др. во Белград,

---

[2280] Истото.
[2281] ДАРМ, Скопје, Министарство иностраних послова Краљевине Србије, Просветно – политчко одељење, м-ф. Бр. 606, бр. 1967, 10. 06. 1897.
[2282] Истото.
[2283] Мишайков Д., Македония . . . цит. дело, 40
[2284] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.
[2285] ДАРМ, Скопје, Фонд бр. 908, Уставен суд, 493/56.
[2286] Глигор Тодоровски, За состојбата на Македонците-печалбари и бегалци пред и по илинденското востание, Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, бр. 2-3, 316 – 318.
[2287] А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, Македонски научен институт, София, 1929, 18.
[2288] Миливој М. Савић, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 278 - 279.

Смедерево, Јагодина и др. места. Во Русија во Катаринослав и Одеса, најмногу оделе Албанците од селата Гајре и Лисец а помалку Македонци. Една цела тетовска колонија на печалбари работеле во Цариград. Меѓу нив имало семејства кои со пекарството се збогатиле и направиле голем капитал кој го донеле во Тетово после Балканските војни[2289].

6.2. МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ЈАЗИК ВО ДЕЛАТА НА ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ, УЧИЛИШТАТА И СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Проучувањата на пишаните и печатени книги, натписите – графити во црквите и манастирите, епиграфските остатоци, натписите на маргините од средновековните и други црковни книги од почетокот на 19. век, всушност, укажуваат дека Тетово бил еден од поголемитецрковно просветни центри во Македонија, во првите децении од 19. век.

Лешочкиот манастир со игуменот Кирил Пејчиновиќ (1771 – 1845) прераснал во еден од најзначајните духовни центри во 19.век во Македонија. Дејноста на Кирил Пејчиновиќ оставила длабоки траги во литературниот, црковниот и културно-просветниот живот во Тетовско и воопшто во Македонија[2290]. Во Тетово многу семејства ги поседувале книгите на Кирил Пејчиновиќ[2291], пишувани на македонски народен јазик[2292], дури биле корисници на книгите од манастирската библиотека, која ја создал овој народен деец[2293]. Л. Серафимов во 1900 година констатира дека делата на Кирил Пејчиновиќ ги поттикнувале граѓаните да се описменат[2294] и да читаат на народен јазик, токму на истиот на кои зборувале тие и нивните предци со векови наназад.

[2289] Миливој М. Савиќ, Извештај на инспекторот . . . , цит. дело, 140.

[2290] Илија Петрушевски, Бранислав Светозаревиќ, Лешочкиот манастирски комплекс, МПЦ, Полошко-кумановска епархија, 2001; Хараламшије Поленаковиќ, Избрани дела, книга 3, Македонска книга, Скопје, 1989, 101 – 287;

[2291] Истото; Кирѝллъ Тетоецъ Пеъйчиновиѣъ,Ѡгледалло, Бѹдинъ, 1816; Кирил Пејчиновиќ, Утешение грешним, Солун, 1840; Андрей Стояновь,*Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 36, 30. 05. 1891, 2.Хараламшие Поленаковиќ, Еден ран препис на Пејчиновиќевото дело *Утјешение грешним* направен во Прилеп, Избрани дела, книга 3, Македонска книга, Скопје, 1989, 123 - 134.

[2292] Стојка Бојковска, Лилјана Минова – Ѓуркова, Димитар Пандев, Живко Цветковски, Општа граматика на македонскиот јазик, Просветно дело, Скопје, 2008, 41 – 74. *Првата половина на 19. век го означува почетокот на новомакедонскиот период од развојот на македонскиот писмен и литературен јазик. Во овој период речиси целосно е намалена употребата на црковносоловенскиот јазик во Македонија и се формира употребата на македонскиот народен јазик. Црковнословенскиот јазик ја задржал само употребата како јазик на црковното пеење, и тоа преку употреба на руски печатени книги, кои ги замениле дотогашните ракописни книги што се употребувале во македонските цркви и манастири.(истото, 69 – 70).*

[2293] Михајло Георгиевски, Библиотекарството во вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, Култура, Скопје, 1989, 42.

[2294] Л.Серафимовь, Тетовско и дѣйцитѣ по вѫзражданието му, Пловдивь, 1900, 45.

Меѓу следбениците на Кирил Пејчиновиќ, кои оставиле и свои обиди на пишани текстови на македонски народен јазик е и Арсение Теаречки Марковиќ[2295], кој меѓу другото е автор на преводот на *Седмогрехникот* од 1841 година. Јазикот на оваа книга по својата чистота на локалниот македонски говор Арсение ги надминува и своите претходници со тоа што бројот на црквенословенските елементи и турцизми е намален, *нема србизми како во јазикот на Пејчиновиќ, ни бугаризми како во јазикот на Крчовски*[2296].

Меѓу истакнатите следбеници се и Хаџи Серафим Архимандрит, кој се среќава и под името Тетовец [2297] и Смилко Митрев [2298]. Групата книжевници и монаси околу Кирил Пејчиновиќ биле: Монахот Методиј Аврам, монахот Тимотеј, Серафим, Милош монах, Рафаил монах, Трпе ѓакон, Силвестер, Мисаил и др.[2299] Освен овие имиња од Тетово потекнуваат и повеќе монаси кои твореле во кучевишкиот манастир *Св. Архангел Михаил и Гаврил*, кој се наоѓал на Скопска Црна Гора во близина на с. Кучевиште, Скопско. На чело на оваа група монаси од Тетово бил гореспоменатиот Мисаил Јеромонах Тетовац, потоа споменатиот Арсение јеромонах Теаречки, Захарија ѓакон, Атанасија монах, Маринко *ученик игуменов*, Јоан *ѓак игуманов* и како што стои во написот: *Овиа вси биша родом от Тетово, турски Калканделе*[2300].

Кирил Пејчиновиќ, и неговите следбеници, своите делаги пишувале на народен јазик [2301] и не ретко измешан со старословенскиот јазик како инструмент со кој би го

[2295] Оливера Јашар Настева, Седмогрехникот на Арсеанија Марковиќ од Теарце, Бигорски научно-културни собири, Полог низ вековите - Тетово, 1978, Скопје, 1980, 69 – 84.

[2296] Истото, 78.

[2297] Во литературата се среќава и како Серафим Архимандритов (БеронПетър, *Българската възрожденска интелигенция*, София, ст. 47; Бобчевь И. Македонските българи . . . 18.). Во периодот од 1838 – 1848 година, работел како учител во Тетово. Го помогнал печатењето на *Служение еврејско* (1838) од Н. Зогравски и *Книга глаголемаја Утешение грешним* (1840) од Кирил Пејчиновиќ (БеронПетър, *Българската . . . 588*). Во еден руски минеј, во 1842 година пишува дека таа книга и други 11, ги купил за манастирот во с. Нерези Архимандрит Серафим Тетовец: *1842, месец, октомври, 6 –ти ден. Да се знае како се купија овие минеи за 12 месеци за Нерешкиот манастир со храм посветен на св. Пантелејмон, во време на егуменот хаџи архимандрит Серафим Тетовец, за 1480 гроша.* Во дворот на црквата Св. Спас во Скопје, се наоѓала надгробната плоча на овој значаен тетовчанец (Цѣлокупна Бѣлгария, Скопие, 24. 05. 1941, 5.). На плочата пишувало: *Здѣ почиваетъ рабъ божіи Среафімъ Архимандритъ родом отъ Тетово и кои ке го пречати ова писмо да рече Богъ да го прости Претстави ся во лето 1848 септевріа 3 дн.*

[2298] Љубомир Герасимов, Еден непознат современик на К. Пејчиновиќ, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, симпозиум, Тетово, 1973, 33-42.

[2299] Николај Овчаров, Иеромонах Мисаил и преродбата во првата половина на XIX век, Историја, бр. 1 – 4, Скопје, 1989/99, 116.

[2300] Истото, 114.

[2301] За јазикот на книжевните дела на тетовските монаси сочувани се повеќе оргинални примероци во НУБ, други институции и во семејни и лични библиотеки во Р. Македонија.За својата книга *Огледало*, Кирил Пејчиновиќ пишува дека ја напишал на *препростејшим и не книжним езиком болгарским долнија Мизии*. Во тоа време поимот бугарин или б'лгарин значело раја, а термините *бугарски, побугари* значело *просто* и се *расипало*. Сепак, денес јазикот на Кирил Пејчиновиќ во неговите дела и тетовскиот говор припаѓаат на наследството на македонскиот литературен јазик. (Снежана Веновска – Антевска, Спротивната реченица кај македонските автори од 19 век, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1998; Лидија (Ѓорѓиевска) Тантуровска, Директниот и индиректниот објект во јазикот

овозможиле приближувањето на православната вера до обичните луѓе, а не за неговите потреби да го приближи јазикот до народот[2302]. Употребата на народниот јазик, била од прагматични причини. Но тука примената на народниот јазик започнал да станува императив на времето. Токму затоа неговите книги се целосно посветени на духовното воздигнување на христијанското население. Тој се идентификува пред се како христијанин и припадник на потчинетата христијанска маса во рамките на Османлиското царство. Неговиот бунт против нанесената неправда нема национален туку верски предзнак.

Меѓу просветителите тетовчани се споменува и Јаков Сазданов (1778 – 1852г.), долгогодишен учител во тетовското училиште а во исто време бил и свештеник. Според истражувањата на Ј. Х. Васиљевиќ[2303], Јаков Сазданов оставил зад себе препишувани работи од разни книги. Покрај старословенскиот го познавал и грчкиот јазик. Токму познавањето на грчкиот јазик е предуслов за препишување на црковните книги од грчки на народен македонски јазик, како што тоа впрочем го правеле и други негови претходници во Македонија и Балканот. За жал, се уште не ни се познати неговите препишувачки дела. Народот го паметел по многу негови дејности.

На крајот од својот превод на*Седмогрехникот* од 1841 година, авторот Арсение Теаречки запишал дека го пишува по желба на *кир Милосав од тетовскиот манстир Св. Атанасиј*, што укажува на уште една интересна личност од Тетово, која нарачала книга на народен јазик[2304].

на македонските автори од 19 век, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1998; Т. Стаматовски, Градскиот тетовски говор, Македонски јазик, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1956; Б. Видоевски, Градскиот тетовски говор, Македонски јазик, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1957; Т. Стаматоски, Од лексиката на тетовскиот говор, Македонски јазик, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1958; Љ. Станковска, Двосложни хипокористици во тетовскиот говор, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1969; Л. Минова – Ѓуркова, Преглед на условните сврзници во делата на Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, Македонски јазик, институт за македонски јазик, *Крсте Мисирков*, Скопје 1969 ; М. Миовски, За сложенките во текстовите на Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, Македонски јазик, Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Скопје, 1974; Некои лексички елементи во делата на Кирил Пејчиновиќ, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1973, 181 – 184; Трајко Стаматоски, Кон графискиот систем на Кирил Пејчиновиќ, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1973, 169 – 179; Оливера Јашар Настева, Од лексиката на Кирил Пејчиновиќ, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1973, 93 - 103;)

[2302] Петар Хр. Илиевски, Претходниците на Кирил Пејчиновиќ, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1973; Џон Шеј, Македонија и Грција битката за дефинирање нова балканска нација, Макавеј, Скопје, 2002, 207.

[2303] Јован Х. Васиљевиќ, Просветне и . . . цит. дело, 136.

[2304] Оливера Јашар Настева, Седмогрехникот . . . цит. дело, 83 - 84. Во единствениот до сега познат запис од Милосав, во книгата *Чудеса Пресвјатаја Богородици*, стои дека се вика Милосав Станоквич дека *од град тетоски се пресели у манастир лешечки св. Атанасија Александриски при игумена Кирила еромонаха* и кога ја купил книгата од Арсенија во 1845 година имал 45 години. Оливера Ј. Настева смета дека Седмогрехникот од 1841 год., сепак не бил купен од Милосава, бидејќи не се среќава негов запис на оваа книга, што било вообичаено во тоа време.

Тетовчаните во 19. век се појавуваат и како подржатели на печатење на книги напишани на народен македонски јазик. Покрај подржувачите на Кирили Пејчиновиќ, авторот на првиот македонски речник Ѓорѓија Пулевски, односно на неговото второ издание од 1875 година, се појавуваат како претплатници од Тетово и Тетовско и тоа: Гавро Митрев, неговиот брат, Симо Аврамовски, црквењак (клисар), сите од Тетово, како и Серафим И. Маркоски од тетовското село Милетино[2305]. Еден од помагателите за печатењето на една друга книга на Пулевски *Слогница речовска*(1880 г.), е тетовчанецот Томо Симеонов[2306].

Кон крајот на 18. и почетокот на 19. век значително се зголемува бројот на македонското население во градот. Таа миграција е резултат на се позачестените напади врз шарпланинските села од страна на пљачкосувачи од Албанија. Доселувањето на Албанците во Тетово и неговата околина ја потикнувале тетовските паши кои со тоа ја јакнеле својата независност во однос на османилиската централна власт[2307], а Албанците како муслимани биле толерирани од османлиските власти.

Откако ќе ги изгубеле основните средства за живот, македонските христијани мигрирале од селата во градовите каде што се чуствувале побезбедно. На таков начин селата биле отстапувани на насилно дојдените Албанци. Оние Македонци кои останувале во селата, се исламизирале и го прифаќале албанскиот јазик[2308].

Зголемениот број на македонски семејства во Тетово, придонел за поголем развој на занаетите, како и појава на печалбарството како единствен излез од сиромаштијата. Со развојот на занаетчиството се развивала и трговијата.

Христијанското население, особено занаетчиите, трговците и печалбарите, организирани во тетовската црковно-училишна општина, имале се поголема потреба од описменување на нивните деца. Македонските црковно-училишни општини, во склопот на османлиското општество биле носители на речиси целокупниот тогашен општествено – економски, црковно-културен и политички живот. Токму затоа во овие црковно-училишни општини се појавиле почетните манифестации на борбата на македонскиот народ политичка и економско-културна самостојност.Тетовската црковно-училишна општина, меѓу другото го отворила и финансирала првото келијно училиште на кое се држело настава на народен

[2305] Ѓорѓија М. Пулевски, Одбрани страници, Избор, редакција, предговор и забелешки д-р Блаже Ристовски, Македонска книга, Скопје, 1974, 153.
[2306] Истото, 180.
[2307] Тетово и Тетовско низ историјата, СО Тетово, СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1982, 218-221.
[2308] Според едно истражување во првата деценија на 20. век во шарпланинските села каде што живееле Албанци, некои нивни жители не само што се сеќавале на нивното словенско и христијанско потекло туку се сеќавале и на старословенските црковни песни кои ги пееле нивните родители и претци во локалните цркви. Пера Ж. Илиќ, Трагови православне литургије код муслимана у Јужној Србији, Јужни Преглед, Скопље, 1928, 251 – 254.

македонски јазик се до шеесеттите години на 19 век[2309]. Како најстаро име на некој тетовски учител се споменува името на учителот Стаменко и тоа во периодот пред 1822 година[2310]. Некои истражувачи првото тетовско училиште го датираат во 1820 година[2311], каде што прв учител бил Кирил Пејчиновиќ. За прв световен учител се смета Ристо Чкулка кој почнал со својата учителска дејност, според едни во 1925 година[2312], според други, тоа се случило во 1832 година[2313], а спорд трети 1833 година[2314]. Со тоа Тетово спаѓа во редот на првите градови, ако не и првиот град каде се учело на македонски народен јазик, каков што го зборувало населението од тетовско и северозападниот дел на Македонија. Се до појавата на странските пропаганди во овој град, учителите биле од Македонија, пред се од Тетово и Тетовско[2315].

Ситеучители, кои воедно биле школувани во Тетово и во некои македонски манастири[2316] учеле повеќе генерации тетовски ученици на својот мајчин јазик, кој бил лесно разбирлив за нив. Вклучително на тоа, истите и не знаеле да предаваат на друг јазик, освен на својот македонскиот локален дијалект. Дури и некои учители кои своето образование го завршиле во Србија и биле платени од пропагандите, предавале на македонски народен јазик. Така, првиот српски учител во Тетово, Стојко Аќимовиќ, со потекло од скопското село Пакошево (Похошево), некои од првите негови писма упатувани до Министерството за просвета на Кнежевството Србија во Белград, во почетокот на шеесеттите години на 19. век, се уште биле пишувани на македонски народен говор[2317].

Покрај градот, училишта со настава на македонски народен јазик, без поголеми влијанија на странските пропаганди во тетовскиот крај, имало уште во две села и тоа

[2309] Јован Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Друштво Св. Сава, Београд, 1928, 295.

[2310] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозофски факултет . . . цит. фонд, 1/493. Радивоје Богојевић, О Тетову и тетовцима. До дваесеттите години на 20. век на тетовските православни гробишта на *Поток*, се наоѓала една надгробна плоча во чиј натпис од 1822 година фигурирало името на учителот Стаменко, кој имал син Симеон. Овој надгробен натпис досега го дава најстариот податок за некој учител од Тетово, со што Стаменко со право можеме за сега да го сметаме за име на најстариот учител во Тетово.

[2311] Јован Хаџи Васиљевић, По тетовској области, Братство, Београд, 1938 г., 40.

[2312] Истото.

[2313] Л. Серафимов, Тетовско и дейците по възраждението му, Пловдив, 1900, 53.

[2314] Ристо Кантарциев, Македонското преродбенско училиште, Студентски збор, Скопје, 1985, 40.

[2315] Истото, 56 - 58; Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској . . . цит. дело, 40; Андрей Стояновь,*Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 38, 13. 05. 1891, 2.

[2316] Јован Х. Васиљевић, Просветне . . . цит. Дело, 129; Александар Трајановски, Црковно – училишните општини во Полог од нивното основање до берлинскиот конгрес (1878), Бигорски научно-културни собири 1978 – 1979, Скопје, 1980, 193.

[2317] ДАРМ, Одд. Тетово, Збирка на ксерокскопирани документи од Архивот на Србија,Белград, Министерство за просвета на Кнежевството и Кралството Србија, 1852 - 1906. (несреден фонд). Писмо на Стојко Аќимовиќ, до Министерот за просвета на Кнежевството Србија.

Лешок[2318] отворено 1855 година и тоа во склопот на манастирот "*Св. Атанасиј*", и во селото Челопек[2319], истата година.

Според некои извори во педесеттите години на 19. век, во Тетово, учителот Јаков Сазданов го отворил и првото женско училиште[2320], а според други тој се обидел тоа да го направи уште во 1836, но не успеал и тоа се случило дури во 1883 год[2321].Овие училишта, иако малуброjни, имаат огромно значење за развојот на образованието на мајчин јазик во тетовскиот крај и воопшто во Македонија. Во овие училишта се описменувале и просветувале идните учители, свештеници, и занаетчии.

Покрај примената на македонскиот народен јазик во училиштата во Тетово, тој имал примена во целокупниот живот на Тетовчани. Тоа го докажуваат многуброjните писма и занаетчиски и трговски тефтери. Во сочуваните писма од шееесеттите и седумдесеттите години на 19. век од страна на тетовските првенци и свештеници, се гледа дека комуникацијата со патриаршискиот скопски владика Пајсиј е на македонски народен говор од тетовското говорно подрачје.Тука го пренесуваме писмото напишано од Симеон Наумовиќ, идниот српски Архимандрит Сава, во Тетово познат и како поп Симо Кушо до Владиката Пајсиј во Скопје од 27. 08. 1873 год. во кое се гледа дека јазикот на кој комуницирале е всушност македонски народен јазик, мошне близок на современиот македонски литературен јазик: *Милостиви Наши Благодѣтелю Господине Господине Арсеніе молитвуемъ Васъ отъ Души! По перво идемъ само да ве поздравимъ и да ви явим како примихъ Вашето прелубезно писмо и се научихъ що нама пишете. Многу смо се засрамиле заради тиа пари него Ваша милост знаете колку гаилиня ни останаха на наша глава. милостивъ богъ само. и ако прашате това нее, слава богу отъ друго нещо него само отъ що несмо на мира. опростите молимъ до прдулуи пазар. Заџело знаите защо ће ви ги испроводимъ за сигурно и ... и нещо да се отъ долечавате ... защо колъку ми смо нещо грешиле, и тая нача грешка мислимъ ви е исвѣстно които билъ ни пратилъ, можемо да претерпявамо. имамъ многу да ви пишамъ него немамъ врѣме. Со друго писмо пространо ће ви пишамъ него немамъ врѣме. и молимъ немоите да ми замѣравате, защо отъ нозѣ ви пишувамъ, и тако остаемъ Во братствена љубов и*

[2318] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 498, Тетовско архиерејско намесништво, 1890 - 1912, Д.бр. 13, 04. 04. 1907, АЕ 2/ 4.
[2319] Истото.Местоположбата на овие две села во Полог е различна, така што во Лешок училиштето го посетувале селата под Шарпланина, додека во Челопек имало ученици од подсувогорските села.
[2320] Јован Хаџи Васиљевиќ, цит. дело.
[2321] Андрей Стояновь,*Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 34, 16. 05. 1891, 2.

молитвуеѣи у бога Васъ Всегда! Тетово 1873 Августъ 27 – Вашъ Теоли Молитвеникъ къ Богу Па(па) Симеонь Па(па) Наумаови(ѣ)[2322].

Пожаранецот Михо Чолески во своето писмо од 1887 година запишал: *на попот здраво ѝ жѝво ѝсаія ась мѝхо чолескѝ пандѝлѡ́вь еве овѝя трѝ кнѝгѝ ѝ праѣамь на царкватa еве да знаешь ась мѝхо чолескѝ праѣамь една мечѝдѝа бела за панеѝца яноска да му слушешь леѣурдиа* (литургија – заб. Б.С.) *сега ѝмала годѝна панеѝца спаседнѝ да му слушеш лекурдѝа мечѝдѝата сега да я сакашь оть спѝра сѝляновь чолескѝ мартьь 28 1887 го:*[2323].

Во занаетчиските и трговски тефтери, без оглед на промената на властите, Тетовчаните мошне често пишувале на својот мајчин јазик. Во сарафскиот тефтер на Ѓорѓе Стојчевски од 1912 година пишува: *1912 Година јануар 1,, дан. У овои тефтер што имам за земање све мије со сенети. Ако да не бидем дома или ако умрем на бргу да гледате на тефтерот не на сенетите зашто има некој дал паре на тефтер мује оборено А сенетот седи цел не оборено затова требе да гледате по тефтер и таќе да тражите и на некои не дал за повише године фаида ќи му е на тефтерот каде што пишуе името и сенетот ќе гледате каршија на друѓиот лис каде што пишуе дава фаиде случајно умреф не бргу немоите да глобате никого затова се потпишуем своје ручно ја Ѓорѓе Стоичевиќ бојаџија.*

Писмената примена на македонскиот народен говор во секојдневната кореспонденција во Тетово е логична последица, и истата се должи на секојдневниот говор во градот и неколкудецениската примена на истиот говор во тетовските училишта, речиси низ целиот 19. век.

Мошне интересен пример на македонскиот народен јазик и писмо среќаваме во тефтерот на Зарија Петрев Ѓорев Пожаранец од Тетово. Зарија е виден тетовски граѓанин кој бил роден во овој град во 1873 година и живеел се до 1934 година. Голем дел од својот живот, особено во помладите години го поминал на работа во истанбул. Потекнувал од родители кои се преселиле во овој град уште пред неговото раѓање.

Тефътéръ. ѓтъ. Мéне,=
Зарйя, ПéтръеѴь, Гѡ́реѴь, Пожаранéць:
Сéдимь, Вѡ́Въ ГарÁтъ. ТѢтоВо: Тоéсъ=
Сѷ̀мѷ̀ъ Рѡ́денъ Туé = ѫ́ смé Доíденй. =
= ѳ̀тъ, Сéло, ПѡжАрАнé= ТÁтъКоми:
= ééé= Дѡ́идéнъ = Тоéсъ=,
= сéé=,
ПрѢсѢлилъ Туекѧ́цъ=;
ВѡВъ ГрÁтъ, ТéтѺВѺ:

[2322] Јован Хаџи Васиљевиќ, *Патријаршисте и егзархисте у скопској епархији*, Братство, XXIX, Београд, 1938, 296 – 299.
[2323] ДАРМ, Одд. Тетово, Кочо Богојевиќ, АК – 1, (несредено).

Page414

Тие како семејство, уште од неговиот татко и неговите тројца чичковци поседувале две фурни во Истанбул, а во Тетово поседувале голема куќа и друг недвижен имот како ниви и лозја. Иако по занает бил фурнација, според ракописот во неговиот тефтер, откриваме една мошне интелегентна личност, познавач на неколку балкански јазици и нивните писма, со големо животно искуство а знаењето го црпи и од искуството на неговите предци.

Тефтерот кој за среќа е сочуван до денес е посебна книга која Зарија ја носел секогаш со себе каде и да живеел, патувал или работел и во него се наоѓаат најважните податоци за него, неговата работа, семејството и ортачките односи во двете фурни[2324].

1908
годѝна
Ѓовая тевьтеръ
Яа Зарія Петревь Горевъ Пожаранецъ.
ће сі го Човамь
і Кесігѡ носѝмь за со мене заедно
Бі́ло сумь дошоль ѡвьдекацъ у
Царі́грать бѝло сумь пошол дома у тетовоо:
За да знаемь кѝ Що і́мамь Серьмія
У фандаклі́а і́ у Орьтаћоййѝ = Фурьнѝте у работата що сумгѧ Работаль Трговѝѧтѧ,
тоесь ѐкъмекъчі́локоть Хлебарьлакоть у
Царі́грать Стамьболь
Случайно богь да човать Ѝмать Огі́нь па ѝзгоруат тевтерѝте ина тевтерѝ Па за дасе знаеть после за не загі́неме Алачакот па затоа ѝ овдекацъ гі́ Препі́шуемь ћі́ за да се знает за да немаме Щетаа после і́лі́ каіль. нікой ѡть ѡртаці́ве і́лі́ тоесь Мальсаі́бі́еве. Ма; Зар; Сане ѝ Таньче: И Зада можеме Мі́е Мальсаі́бі́ете Мате Зарія Сане ѝ Танче За да не се отькажуеме ѡть уговорот і́лі́ ѡть Мукавелі́ната що гі́ і́маме праені́ едень зьдруги. і́ що сме дале своі́ руко потьпіскі́ на мукавелі́ната що смегі́ напраі́ле едень зьругии.

Како што се гледа и од воведните зборови на Зарија Петрев Ѓорев, говорот кој го користи во својот тефтер, доколку се исклучат турцизмите, е мошне близок на литературниот македонски јазик од првите години по ослободувањето на Македонија. Тој не само што се служи со тетовско-гостиварското наречје туку создал и свој систем на букви кои ги употребувал за да се доближи што е можно повеќе до својот мајчин јазик. Имено, направил комбинација на некои од буквите кои се користеле во писмата на соседните народи: Бугарите, Србите и Грците, а се користи и со старословенски и старотурски (за броевите) знаци, за кои е неопходна една стручна анализа. Со ваквата содржина, писмо и јазик, овој тефтер се издвојува

[2324] Во тефтерот биле запишани сите најважни работи што се случиле во неговиот живот и особено со работата на двете фурни во Истанбул. Освен тоа во тефтерот можеме да дознаеме за многу детали од секојдневиот живот на македонските семејства и еснафи и економски односи, за гурбетлокот, за народната фармакопеа, за обичајното право и многу други автентични детали, кои ретко се среќаваат во документите, затоа што се поврзани со секојдневието на обичниот македонски човек од крајот на 19. и почетокот на 20. век. Тефтерот почнал да го води од 1908 година но во него се наоѓаат преписи од други тефтери уште од 1898 година, а послените негови записи се од околу 1920 година.

од многу други сочувани занаетчиски или трговски тефтери и е драгоцен извор за историјата на развојот на македонскиот јазик и историјата на приватниот живот на Македонците во овој период.

Токму од овој тетовски говор, каков што го среќаваме и во записите на тетовчаните во втората половина на 19. век, македонскиот преродбеник и револуционер Ѓорѓија Пулевски, во 70-тите години на истиот век, ќе престојува во Тетово и Тетовско *собирал дијалектолошки, пред се лексички и етнографски материјали*[2325], како основни извори за неговите значајни книги кои во следните години ќе ги издава: *Речник од четири јазика*, *Слогница речовска* и др[2326].

6.3 НЕКОИ ТОЛКУВАЊА ЗА ТЕТОВСКИОТ ДИЈАЛЕКТ ДО 1944 ГОДИНА

За разлика од повеќето српски и бугарски лингвисти, историчари и географи кои во служба на нивните држави "научно" докажувале дека македонскиот говор спаѓа во редот на српските или бугарските дијалекти[2327], кон крајот на 19. век па се до формирањето на македонската држава во 1944 година се појавиле повеќе трудови и документи кои ја застапувале тезата дека македонскиот јазик е посебен јазик. Во тие истражувања и тетовскиот дијалект е ставен во редот на дијалектите на македонскиот јазик.

Уште во 19. век, јазикот на Кирил Пејчиновиќ во книгата *Огледало*, е окарактеризиран од некои лингвисти, како бугарски[2328], дури, според Јордан Иванов, Кирил Пејчиновиќ бил со *високо сознание на бугарската национална свест*, што е апсурдно ако се знае фактот дека во тоа време не постоела изградена бугарска национална свест ниту во Бугарија[2329]. Блискоста на

[2325] Блаже Ристовски, Сознајби за јазикот, литературата и нацијата, МАНУ, Скопје, 2001, 180.
[2326] Истото, 180 - 185.
[2327] Јордан Иванов од Бугарија, Милоје Милојевиќ, Јован Хаџи Васиљевиќ, Јован Цвијиќ,
[2328] Йорд. Ивановь, Българитѣ въ Македония, с 210. Првото училиште на бугарски јазик е отворено во Габрово во 1836 година. Ова училиште Бугарите го нарекувале славјанско – блгарско училиште (Ј. Х. Васиљевиќ, Просветне . . . цит. дело, 31.). Целата метода била според рускиот систем а грчките училишта во Бугарија се одржале и по Кримската војна, во 60-тите год. на 19. век.(Истото, 34), во тие години се водела голема дебата меѓу бугарските интелектуалци кој јазик и систем да го прифатат, старобугарскиот, српскиот или рускиот и да се отфрли грчкиот. Најголем отпор за зачувување на грчкиот и воведувањето на бугарскиот јазик имало во градовите Русчук и Силистра.(ст.24, 35.) И Бл'сков во својата автобиографија од 1859 вели: *не е изминато долго време кога ние учените бевме Грци и се срамевме да се наречеме Бугари*.(Истото, 36, превземено од Р. И. Блъсковь, Автобиография, МС. Бр. XVIII, 576, Цариградьски весникь, 1859г.). Во втората половина на 19 век, бугарските романтичари Г. Фотанов и П. Раковски ја протежирале идејата дека на Балканот живееле 8 милиони Бугари од Црното море до Егејското и Јадранското море со што оваа великобугарска идеја, потхранета со Санстефанскиот договор ќе има далекусежни последици на Балканот, и за која идеја бугарската држава ќе се впушти во неколку големи и погрешни војни во кои на крајот ги завршувала како поразена земја.
[2329] Нивниот главен аргумент бил секако изјаснувањето на Кирил Пејчиновиќ во неговата книга *Огледало* дека книгата ја напишал на *препрост некнижевен бугарски јазик*. Во тоа време кога и во Бугарија не постоела изградена бугарска национална свест, а некои од првите бугарски преродбеници, сметале дека се Грци, сосема погрешно е толкувањето на некои научници во поглед на националната припадност на Кирил Пејчиновиќ, со оглед на фактот што овој македонски преродбеник, никогаш не се изјаснил за неговата национална припадност, затоа што тој поим во тој период, воопшто не бил познат.

јазиците од словенско потекло, нивната неразграниченост, постоењето на сознанијата за средновековна бугарската државна традиција негувана во манастирите низ Балканот, како и големото присуство на бугарски монаси во *Хилендар*[2330] до почетокот на триесеттите години на 19. век, кои несомнено оставиле некакво влијание на Кирил Пејчиновиќ додека престојувал во овој манастир, се фактори кои влијаеле врз овој автор, јазикот на својата книга да го нарече *препрост некнижевен бугарски јазик*.Имено, во средновековниот српски манастир *Хиландар*, но и во други манастири на Света Гора, по уништувањето на Бугарското Царство, голем број на бугарски калуѓери пребегнале во нив и со време ги потиснале српските монаси. Ваквата тенденција продолжила и во следните векови. Така во 18. век Хилендар прераснал во еден од центрите на негувањето традициите на бугарската средновековна држава и црква[2331].. Иван Иваниќ, во прилог на горенаведеното, во ова дело го цитира и бугарскиот истражувач В. К'нчов, кој во своето дело *Света гора во пловдиската библиотека*, меѓу другото напишал: *Монаштвото на Хилендар се изменило на крајот на 18. век и веќе станал чисто бугарски манастир. . . и самиот манастир имал највидно учество во будењето на бугарскиот народ*. Во една таква бугарска монашка средина, кон крајот на 18. век се замонашил и теолошки се образувал Кирил Пејчиновиќ. Кирил, го напуштил Хилендар во 1801 година. Според истражувањата кои ги вршел Јован Цвијиќ[2332] низ целиот Балкан, користејќи при тоа и друга компетентна литература, поимот Бугарин бил распространет пред се од Грците и Турците низ поголемиот дел од Балканот како поим за припадник на раја со преносно значење на „просто", „неписмено" или „расипано" и вели: *За сиромашното просто население, кое нема ништо, се велело дека се „асли бугари". За обична селска работа се велело „бугарска работа". Во солунско постоеле термините „избугари се" кога некој предмет се расипал и „Бугарка" е термин за најпроста сорта на пченица. . . .Македонците велат „зборува како Бугарин", т.е. невешто како селани.* Всушност, ако тој израз бил одомаќен кај Македонците, кога Кирил Пејчиновиќ тврди дека пишува на *препростејшим и не книжним езиком болгарским* дава опис дека јазикот на кој пишувал е јазикот на рајата, неграматички јазик и никако немало национален предзнак, затоа што во тој период и самите бугарски преродбеници велеле дек се срамеле да кажат дека се Бугари и се изјаснувале за Грци.Тогашните негови сознанија имаат несомнено влијание кога ја печати книгата Огледало и го споредува својот јазик со препрост некнижевен бугарски јазик.

Она што со сигурност го занеле луѓето за себе во Македонија и на поширокиот простор каде што се простирала Османлиската империја е нивната верска припадност.

[2330] Иван Иванић, Маћедонија и Маћедонци, Београдска задруга, Нови сад, 1910, 258 - 259; Филозофски факултет, Скопје, Ф. бр. 323, 1920 - 1941, АК - 42, 1/124. Во 1820 година, со пари од манастирот Хилендар, каде се уште има бугарски монаси се отвора печатницата во Солун, а во една таква средина Подоцна Хилендар прешол во рацете на руските монаси а манастирот Зограв останал под управа на бугарските монаси.

[2331] Истото,259.

[2332] Јован Цвијић / Иво Андрић, О балканским психичким типовима, Просвета, Београд, 1988, 84 - 89.

Од друга страна, обраќајќи се во писмата до српскиот кнез Милош, Кирил Пејчиновиќ потенцирал дека тоа го прави заради љубовта духовна *и нашеја србскија отечеств.* И како што вели Блаже Конески, *сето овани потврдува дека не може за ова време кај нас да се говори за една изградена национална свест ниту за национална диференцијација во современа смисла*[2333]. Во писмото до српскиот кнез Милош, во 1835 година, барајќи помош за печатење на својата втора книга *Утешение грешним*, меѓу другото, за јазикот во неговата книга вели: *не учихом во никое школо ни па растехом во некија палати нашего јазика ни во палати чуждија вјери но од зачела и до нинје прибиваем во гурбетлук во место уничиженија во запустении свјатих црквеј и манастиреј . . .*[2334]. Токму затоа, во својот краток опис на втората книга*Утешение грешним*, авторот пишувајќи го јазикот не го нарекува болгарским, но повторно кажуава дека книгата е *приведена на простиј език от Кирила јеромонаха . . .*[2335]

Сепак, уште во 19. век некои слависти, јазикот на Кирил Пејчиновиќ го оцениле како посебен и од бугарскиот и од српскиот литературен јазик. Така, бугарскиот славист Петар Драганов, кој меѓу другите книги од македонски автори, ја поседувал и книгата *Огледало*на Кирил Пејчиновиќ[2336], во 1888 година напишал : *Според нашето длабоко уверување, јазикот на оваа книга претставува опасност, како за Србите, така и за Бугарите (особено за Бугарите), зашто не можат да се повикуваат на тој јазик како доказ за своето толку сакано тврдење за неговата целост и неразделност со српскиот и со бугарскиот јазик*[2337].

Во 1903 година, Крсте Мисирков, во книгата *За македонцките работи* го зема како пример, тетовскиот говор како неможност истиот да се претвори во бугарски или српски јазик во идната автономна македонска држава, туку како дел од посебен македонски литературен јазик[2338].

Тетовчанецот, филолог, Радивоје Богојевиќ [2339] , во својата студија, *Тетовски дијалект*[2340], која ја подготвил за *Св. Савската беседа* на овој факултет во Скопје во периодот

[2333] Блаже Конески, Македонскиот 19. век, јазични и книжевно-историски прилози, Култура, Скопје, 1986, 43, 53 – 58.
[2334] Б. Конески, Писмата на Пејчиновиќа до кнез Милоша, Македонски јазик, Скопје, 1956, 26.
[2335] Кирил Пејчиновиќ, *Утешение грешним*, Солун, 1840 г.
[2336] Гане Тодоровски, Страници на едно македонофилство, Нова Македонија, Скопје, 08. 12. 1970; Истото, Историографски теми, Наша Книга, Скопје, 1990, 257.
[2337] Поопширно за Петар Драганов: Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов 1857 – 1928, Матица Македонска, Скопје, 2007.
[2338] Крсте Мисирков, За македонските работи, ред. I превод. Б. Ристовски, Мисла – Македонска книга, Скопје, 1985, 59 – 61.
[2339] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље, Ф. Бр. 323, АК – 24, 320 – 334, Досие на Богојевиќ Радивоје. Роден во Тетово во 1900 година, син на Глигорије Богојевиќ, бакал од Тетово, печалбар во Алексинац, Србија. Глигорије, во почетокот на 20-тите години на 20. век, го испратил својот син Радивоје на студии во Скопје.
[2340] Истото, АК – 42, 1/ 1612 – 1660. (Радивоје Богојевиђ, Тетовски дијалект, Св. Савски темат.)

меѓу 1922 – 1925 година[2341], дијалектот кој се зборувал во неговиот роден град го става во редот на *дијалектите на македонскиот јазик*[2342]. Со загриженост гледајќи на зачувувањето на јазикот тетовчанецот Радивоје Богојевиќ меѓу другото вели: *Свесен за тоа дека несме далеку од времето кога во говорот на мојот роден крај, туку и на цела Македонија, ќе исчезне и последниот остаток од стариниte на овдешниот јазик, се нафатив на прибирање на сето, колку што можев да најдам*[2343]. Богојевиќ, истражувањата на тетовскиот дијалект ги вршел повеќе години и тоа посебно работел со луѓето кои го познавале овој дијалект, онаков каков што бил во почетокот на 19. век. Во склопот на своето истражување, Богојевиќ составил и речник на тетовскиот дијалект *од 4.000 - 5.000 зборови*. Според него тоа било важно поради подоцнежните влијанија на српскиот и бугарскиот јазик[2344].Кога ги наведува сознанијата, констатациите и присобраните зборови на странските патеписци и истражувачите на тетовскиот дијалект, предупредува: *Но нека ми се допушти да забележам, дека мора да се биде внимателен пред нивната употреба , бидејќи тие многу често намерно, а понекогаш и несакајќи, навлегувале во неточности. Всушност политичката борба за владеењето врз Македонија, која се уште ниту до денес не е запрена, направила луѓето во науката да претпочитаат национализам. Освен тоа, посетителите на овие крашита, речиси секогаш доаѓале во контакт со пообразуваните личности, кои ако биле тукашни, морале да го изгубат тоа што нам ние потребно; се воздржувале или го подесувале говорот, и со тоа ја менувале вистинската боја на тонот; или од национални побуди ги спречувале собирачите, најпосле тие прекажувачи со својот говор често создаваат впечаток на усилена игра која во својата инертна состојба прескокнува или заобиколува поголема препрека. . .* [2345]

Од сочуваните тетовски трговски тефтери, писма и други ракописи од крајот на 19. век и почетокот на 20. век, тетовчаните пишувале на својот мајчин јазик, но и на јазиците и писмата кои ги научиле во училиштата на бугарската и српска пропаганда во градот. Како најкарактеристичен пример за употребата на македонскиот народен јазик во секојдневата работа, го издвојуваме тетфтерот на Зарија Петрев Ѓорев Пожаранец од Тетово[2346].

Во 1937 година во скопското списание *Луч* за јазикот на Кирил Пејчиновиќ Д. Бачински[2347] вели дека *тој пишува на народен јазик од својот крај, на македонски дијалект од околината на Тетово*, а за фактот дека во насловот на првото негово дело *Огледало* стои дека

[2341] Точен датум на овој ракопис не се среќава, но со оглед дека студирал на овој факултет во периодот од 1922 до 1925 година за што постојат релевантни документи, си допуштаме, овој ракопис на Богојевиќ, да е создаден и презентиран на факултет токму во горенаведениот период.
[2342] Истото, 1613.
[2343] Истото.
[2344] Истото, 1614. За жал, споменатиот речник не успеавме да го пронајдеме во фондот на Филозофскиот факултет од Скопје.
[2345] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопље, Ф. Бр. 323, Радивоје Богојевиќ, Тетовски дијалект.
[2346] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 766, *Зарија Петрев Ѓорев,* Тетово, (1897 - 1920).
[2347] Д. Бачински, Кирил Пејчинови – Тетоец, Луч, бр. 6 – 7, Скопље, 15. 12. 1937, 250 – 255.

е напишано на препрост и некнижевен бугарски јазик го толкува со зборовите дека некои *заборавиле дека народите меѓу себе не се оградени со кинески sид и дека меѓусебно влијаат едни врз други.*

Процесите на националното самосознание не се разликуваат многу од другите балкански народи[2348]. Кирил Пејчиновиќ и неговите следбеници, повеќе несвесно како потреба, го започнуваат незапирливиот процес на раздвижување на националната мисла во Македонија од она со кое во моментот тие располагале а тоа се бледите измешани сознанија за постоењето на државата на нивните претци и она со што сигурно располагале, православната (рисјанска) вера и јазикот кој го наследиле од своите од памтивек.

Сето ова може да се објасни и со фактот дека Османлиската империја која владеела на македонските простори веќе 5 века, со својот систем успеала да наметне врз населението само чувство на подреденост и верската припадност била единствената идентификација, додека народносната била сосема исклучена, вклучително и на сите соседни народи на Македонците[2349]. Поради карактерот на системот и државата, дури и Турците, самите себеси се идентификувале конфесионално а не национално. Дури, под влијание на турската емиграција и студенти во западна Европа, кај Турците, кон крајот на 19. век доаѓа до истакнување на народносното, односно *будење на турското национално чувство* за време на младотурската револуција во 1908 и особено тој процес се зајакнал од 1911 година[2350].

Историчарите, лингвистите, новинарите, географите, антропогеографите, дипломатите, патеписците и други пишувале за јазикот и националноста на Македонците од Тетово. Нивните ставови по ова прашање биле различни и можеме да ги поделиме на три групи. Првите го застапувале ставот дека *Словените* од Тетово како, впрочем и од цела Македонија, се всушност Бугари, вторите дека се Срби и третите кои сметале дека се Македонци.

[2348] Истото, 11 - 20.

[2349] На целиот Балкан каде се простирале Османлиите, христијанските народи својата национална преродба ја доживуваат најпрвин надвор од своите етнички територии преку колониите на мигрираните припадници на истите народи. Така Србите својата преродба ја доживуваат во 18. век во Австро-унгарската држава на територијата на денешната српска покраина Војводина која историски се до 1918 година не припаѓала на српската држава. Бугарите својата национална преродба ја доживуваат во втората половина на 18. век помеѓу бугарските колонии во Влашко и во Јужна Русија. Грците во почетокот на истиот век започнуваат со својата преродба во Франција и др. европски држави. Од друга страна, во своите етнички територии, Бугарите, Србите, Грците, Албанците и др. кои биле во рамките на Османлиската империја, тонеле во духовната беда на изолацијата и бледо национално сознание и кои за себе знаеле дека се каури (неверници), рисјани (христијани) или раја (потчинето население), а нивните припадници на муслиманска вероисповед, како Турци. Блаже Конески, Македонски јазик, книга 1, година 7. Скопје, 1956; Блаже Ристовски, Македонија и македонската нација, Детска радост, Скопје, 1995;Михајло Миноски, Македонија и Бугарија, историски соочувања, М.М. Скопје, 2008; Александар Донски, етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите;

[2350] Јусуф Хамза, Младотурската револуција во Османската империја, Логос – А, Скопје, 1995, 413 – 414 и 417.*До појавувањето на турскиот национализам, во својата сопствена држава Турците не смееја да го употребуваат своето национално име, не смееја да ги употребуваат зборовите Турци и турска нација туку зборовите Османлии и и османлиска нација . .*

Застапувањата на некои од научниците за бугарското или српското потекло на Македонците од Тетово и Тетовско, има различни мотиви. Во втората половина на 19. век, особено по источната криза кога македонското прашање изби на површина во европските кругови, новосоздадените балкански држави вложувале значителни средства во докажувањето на нивните зацртани интереси во Македонија, така што во овој период се појавуваат бројни книги со "докажувања" за припадноста и потеклото на македонското население.

Според познатиот српски географ Јован Цвијиќ, кој во 1906 година не се осмелува Македонците или македонските Словени да ги нарече ниту Бугари, ниту Срби[2351], и кој создава посебна теорија за *флотантна народна маса која нема ниту одредено српско, ниту бугарско народно чувство*[2352], *а потоа вели дека развиеното српско или бугарско чувство е претежно импортирано, наметнато, создадено со пропаганда,*укажува на целата рашомонијада која настанала во научните кругови во Европа за народноста и јазикот на Македонците и нивните ненаучни тези кои се базирале на штурите информации на патеписците од почетокот на 19. век[2353], иако притоа ги споменува и некои научници кои Македонците ги вбројуваат во посебен словенски народ на Балканот, како што е Драганов или Комаров[2354]. Што се однесува до јазикот и народноста на Македонците од Тетово и Тетовскиот крај, овој српски географ ги вбројува Тетово, Гостивар и Скопје како градови кои историски припаѓале на стара Србија а не на Македонија[2355].

Најистакнат руски научник со најголем број трудови кои се од огромно значење за македонската лингвистика, етнологија и историја е секако Селишчев. *Полог и его болгарское население* е книга која несомнено денес претставува драгоцена интердисциплинарна студија за Полог и Тетово[2356]. Но, А. М. Селишчев, македонското население го именува еднаш како словенско (пр. *Славјанское население в Албании*), друг пат како бугарско (пр. *Полог и его болгарское население*) а трет пат како македонско (пр. *Очерки по македонској диалектологии*). Ваквото лавирање се должи на неговото научно соочување со реалноста на теренот и неговата се поголема приклонетост кон бугарската лингвистичка елита и македонската пробугарска организација која му ги печатела неговите книги во Софија, како изданија на *Македонскиот научен институт.* Како врв на неговата пробугарска наклонетост е фактот што Селишчев во

[2351] Ј. Цвијић, Проматрање о етнографији македонских словена, Београд, 1906.
[2352] Истото, 11, 17.
[2353] Истото, 36 - 53. Според Цвијиќ, некои истражувачи и патеписци, кои не ги познавале доволно и не ги проучувале словенските јазици, поточно знаеле по неколку зборови,Пуквил, Нидерле, Буе и Гризебах ќе станат основни извори на следните препишувачи, Шафарик, Нидерле и т.н. По угледот на Шафарик, во средината на 19. век па и подоцна ваквата слика за Македонија ја прифатиле и некои руски картографи.
[2354] Истото, 51 - 53.
[2355] Истото, 9.
[2356] За оваа студија, Гане Тодоровски ќе напише: *Со страст на амбициозен научник, ги разоткрива дијалектните црти на Полог врз фонот на општествено-битовиот и културноисторискиот живот на неговото население, бидејќи во неговото дело нашле место и етнографијата, и демографијата и историјата и јазикот.*

1930 година бил избран за член на Бугарската академија. Во книгата *Полог и его болгарское население*, Селишчев, не се обидува да докаже зошто полошкиот дијалект е бугарски, туку едноставно тој како таков е прифатен од авторот, иако како извори наведува и дела кои докажуваат дека јазикот на населението во Полог не е ниту бугарски ниту српски, туку посебен македонски, како што се делата на Петар Ритих, Петар Драганови Крсте Мисирков.

Од друга страна србофилскиот руски конзул И. С. Јастребов, во својата книга *Стара Србија и Албанија*, во средината на 19. век, вложувал големи напори да докаже дека Македонците не се Бугари, туку Срби. Но во неговото, повеќе навијачко отколку научно бранење на својата теза во споменатата книга, објаснувајќи го меѓу другото потеклото на Македонците во Тетово, дека тоа не е Бугарско успеал на некој начин да докаже дека не е ниту српско[2357].

Освен бугарските, српските и грчките научни кругови во докажувањата, се вклучиле и некои романски научници. Во тоа биле впрегнати и некои европски имиња, меѓу кои најмногу од Русија, кои за добри хонорари и во името на "руско-српското" или"руско-бугарското" пријателство се впуштиле на големодржавните и пропагандистички интереси на овие држави. Во спротивно, доколку некој од нив се дрзнел да пишува за посебноста на македонскиот народ ризикувал да биде прогласен од истите, како што вели рускиот публицист А. В. Амфитеатров *за нивен најголем непријател*. Така кога независно од балканските пропаганди овој руски публицист се изјаснил дека во Македонија живее посебен народ од Бугарите и Србите, *(. . . за да стане Македонија бугарска, требало да се побугарат Македонците . . .)*, коментарите во овие држави ги опишал во својата книга *Македонија, земја на раздорот*: *Во Бугарија, со оглед на мојата дамнешна бугарофилска репутација, очекуваат дека јас ќе се однесувам кон македонската кауза со поголем ентузијазам, поради тоа, моите гледишта беа пречекани од овобугарскиот политички печат – особено од оној дел што се нарекува русофилски – мошне гневно. Со патувањето во 1901 година за мене трето во балканските земји – јас го загубив седумгодишното бугарско пријателство. Мене ме обвинуваат: едни, дека сум поткупен; други, дека сум лут зошто не ме поткупиле; трети, дека јас пишувам по наредба на рускиот амбасадор во Константинопол, И. А. Зиновјев; четврти, дека јас сум болен од србофилство. Истовремено српските весници ме претставуваа како руски орган на бугарско-македонските ослободителни комитети. Сметам дека е неопходно да го предупредам читателот за сите обвинувања. А потем, читајќи, нека суди за моите мислења и зборови, како што ќе најде за*

[2357] И. С. Ястребовъ, Стара Сербіа и Албаніа, Споменик, Српска Краљевска академија, Београд, 1904, 118.

сходно[2358]. Ова искрено обраќање на Амфитеатров кон читателите ги открива дел од валканите игри на балканските пропаганди за уништување на македонскиот идентитет.

Амфитеатров не е осамен случај на непоткупен истражувач, кој од неутрална позиција проценил дека, Македонците се посебен народ од соседните православни народи[2359], и покрај тоа што и други забележале дека, националната свест кај Македонците не била изградена, во услови на Османлиските закони кои не признавале народносна туку верска припадност, а притоа биле изложени на силни национални пропаганди од страна на соседните православни народи.

Дека тетовскиот говор е дел од еден поголем македонски јазичен систем кој се оформувал низ вековите како посебен, го потврдува и славистот Кульбахин кој во 1907 година, размислувајќи за јазикот на ракописот на Охридскиот апостол од крајот на 12 век, а што припаѓал на Охридската школа пишувал: *Охрид кон крајот на 12. век бил населен со предците и носителите на сегашното средномакедонско наречје. Основните особености на охридскиот говор од крајот на 12. век се истите што ги одликуваат сега говорите поблиски кон Охрид, обединети сега, покрај со други особености, со ист акцентски систем (Битола, Прилеп, Велес,Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Ресен.)*[2360].

Рускиот славист со бугарско потекло и професор во Солунската егзархиска гимназија, Петар Драганов, кој добил задача и парични средства од бугарскиот дипломат и еден од најекспонираните луѓе на бугарската пропаганда во Македонија, А Шопов, да истражува и докажува дека населението во Македонија зборува на бугарски јазик, доаѓа до научни резултати кои ја докажуваат посебноста на македонскиот јазик. Ваквите резултати ги објавува во своето обемно дело *Материјали за етнографијата, статистиката и дијалектологијата на современата Македонска провинција* уште во 1887 година издадени од Императорското географско друштво, етнографско одделение во Петроград[2361], со што претставува прв зборник на песни, умотворби и др. етнографски материјал од сите краишта, вклучително и тетовскиот, под македонска етничка идентификација. Поради своите независни научни гледишта, Петар Драганов целиот свој работен век, иако напаѓан и казнуван, останал доследен на своите научни сознанија за македонската посебност. Како и Амфитеатров, така и Драганов бил жестоко напаѓан од разни српски и просрпски и бугарски и пробугарски научници, за неговото

[2358] В. Александар Амфитеатров, Земја на раздорот, Македонска книга, Скопје, 1990, 25.
[2359] Гане Тодоровски, Страници на едно македонофилство, Историографски теми, Наша Книга, Скопје, 1990, 272. Такви биле Драганов, Ламански, Пипин, Равински, Флорински, Дурново, Овсјалин, Степович и др.
[2360] Димитар Пандев, Етнолингвистички поглед врз македонскиот народен јазик, Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, Скопје, 2010, 327.
[2361] Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов, 1857 – 1928, Матица Македонска, Скопје, 2007, 23 – 25.

правилно и независно третирање на македонското прашање кон крајот на 19. и особено во првата деценија на 20 век[2362].

До слични резултати доаѓа и српскиот лингвист и професор, доцент на Великата школа во Белград, Сима Н. Томиќ, кој своите истражувања ги вршел во Македонија во 1899 и 1900 година. Во својот извештај до Министерот за надворешни работи на Кралството Србија, загрижен за иднината на српската пропагандна дејност во Македонија, меѓу другото констатира дека: *според собраниот материјал можам да кажам дека централниот македонски дијалект се пружа до самото Скопје, во кое започнува мешавина и српско јазично влијание. Овој појас се протега од Тетово на Скопје, до Кратово и Крива Паланка. . . .*[2363]

До слична констатација уште во 1893 година, доаѓа и турскиот претседател на Просветната комисија во Тетово, кој по барање на тетовскиот кајмакам да одговори на кој јазик зборуваат тетовчани, по 16 дена му одговорил: *Со испитувањето дознавме дека јазикот – говорот, на христијанското население, на мажите и жените, како во градот, така и по селата не е чисто српски, но не е ни бугарски, но е сличен и на едниот и на другиот. Всушност тие се служат со својот местен говор*[2364].

За ваквите состојби потврдуваат и некои независни научници и патеписци, кои не истражувале по нарачка на Бугарија, Србија или Грција а се ставиле на страната на вистината за посебноста на македонскиот народ[2365].

За посебноста на јазикот и народноста на Македонците од Тетово во однос на соседните словенски народи, како и за спонтаниот развој на македонската национална мисла во овој крај, странските патеписци ја забележуваат за првпат, кон крајот на 19. век.

Рускиот патеписец Петар Ритих, го посетил Тетово во 1901 година. Тој прави обид на сликовит начин да ги пренесе чувствата на Македонците од овој крај, како и примерот на игуменот Езекил во Лешочкиот манастир, за националната борба кон крајот на 19. век.Тој меѓу другото напишал: *И еве самите себе се наведуваат кон аналогија на двете црти на карактерот на Македонците: од една страна цврстина на православството, од друга,*

[2362] Гане Тодоровски, Страници . . . цит. дело, 259.

[2363] Александар Апостолов, Еден нов документ за положбата во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, Гласник, ИНИ, бр. 1, Скопје, 1963, 253.

[2364] ДАРМ, Скопје, Министарство иностраних дела Краљевине Србије, ППО, М. Бр. 5080, Ф. IV, бр. 4 (писмо бр. 4 од 27. 07. 1893г.); Бранислав Светозаревиќ, Српската . . . цит. дело, 56.

[2365] Меѓу поистакнатите научници и интелектуалци од втората половина на 19. век и првите децении на 20. век, од Европа, кои научно ја докажале посебноста на македонскиот народ се секако и австриецот со чешко потекло Карл Хрон (*Народноста на македонските словени*), Русите Петар Ритих (*По балканот*), Александар В. Амфитеатров и руските конзули во Битола и Солун Ростковски и Иларион (*Земјата на раздорот*), бугарите Петар Драганов, (*Македонистот Петар Драганов*), Александар Цанков (Македонското прашање и балканскиот сојуз) , србинот Коста Новаковиќ (Македонија на Македонците, земјата на земјоделците) и др.

леснотија на промената на националните убедувања, лажливост и глупави обичаи. Мене ми се чини дека не е тешко да се најде објаснување. Прво, низок развој и ништожно образование и воспитание на селската маса во услови најневозможни и најжестоки. Второ - државата не признава национализам и следствено на тоа тој не можел да се појави во масите.. трето - убиствата, грабежите и насилствата, а исто така лагата и пороците се секојдневни престапи - следствено, христијаните и навикнале да гледаат на тоа со такви очи. Како противтежа на сето негативно речено од лулка кај секој христијанин, како сигурен признак стои прашањето на религијата, поради што таа и трпи секакви гонења. Вродено со млекото на мајката таа му станува најдраго и најблиско. Не разбирајќи ја, тој навикнува инстиктивно да ја чува и цени . . .

Петар Ритих, недвојбено зборува за посебноста на Македонскиот народ, јазик и култура[2366], вклучително на тоа тој и во Полог и Тетово видел Македонци, а за еден таков истакнат случај меѓу македонските образовани луѓе го посочил игуменот на Лешочкиот манастир, Хаци Езекил, за кого се зборува во делот под наслов: *Развојот на македонската национлна мисла.*

Хрватскиот научник Рудолф Петровиќ, истражувајќи го Полог и неговото население подолго време (од 1915 до 1941 год) заклучува дека населението не изградило национален став, освен одредени кругови и затоа во својот објавен труд во 1942 година, ова население го именува како Словени[2367]. Тој тоа го објаснува со тоа што *за време на своето 6 вековно робување под Турците тие* (мисли на Словените од Полог, односно Македонците - Б.С.) *се чувале грчевито и го сочувале, покрај животот, само една духовна вредност, христијанската вера. Целата смисла на животот им била да се живее и да се сочува верата. Поради верата гинеле, трпеле и се селеле. Од таму кај нив се развила верата во битна ознака, по која тие себе си се разликувале од Турците а подоцна и од Албанците: Ние сме крст, тие некрст-, зборуваат и сега многу од нив. За друга диференцијација, тој свет, под оние тешки околности немал ни време да размислува. Со таа свест ги затекнала и втората половина на 19 век. Тогаш Бугарите ја добиле својата Егзархија (1870 год.). Бугарските свештеници и учители, преку црквата и училиштето се обиделе да ги определат национално-политички за себе, но на нивните настојувања набргу им се спротивставила сличната иницијатива од Србија.* Понатаму Р. Петровиќ обајснува дека дошло до голем судир со тешки последици меѓу овие две пропаганди кои придобиле поединци на своја страна, *но народната маса не пошла повеќе од*

[2366] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 75 - 118.
[2367] Rudolf Petrović, Polog, antropogeogravski prikaz, Zagreb, 1942, 26.

поимот на христијанството[2368]. *И така останало до Светската војна* (Прва светска војна - забелешка - Б.С.) *и понатаму се до денеска* (1941 год. - забелешка - Б.С.).

На крајот кон ова прашање, Рудолф Петровиќ дошол до заклучок дека и покрај жестоката пропагандна борба на двете пропаганди, тие во своите намери во Полог не успеале и во врска со тоа вели: *Јас недвосмислено утврдив на лице место, во текот на повеќегодишните истражувања, дека полошките Словени*[2369] *немаат прецизирана и изградена свест и чувство за припадност било на Бугарите било на Србите*[2370]. Според овој научник за разлика од обичното населението во Полог кое за себе велело дека се *нашинци* а јазикот со кој зборуваат е *нашински јазик,* интелегенцијата се повеќе размислувала за посебна *македонска држава*, за што пишува дека: *Полошките Словени, се повеќе го негуваат она, за што мислат, дека е специфичен израз на нивната посебност: својот дијалект, својата песна, славењето на именденките и тн. . . . Во врска со запоставеноста на домашните интелектуалци во споредба со доселените Срби, во бившата Југославија, кај нивните образовани луѓе се развило тежнение за автономија. Поекстремните помислувале на слободна Македонија од Скопје до Солун, независна од Бугарите и Србите*[2371].

Дека едно е фактичката состојба на теренот а сосема друго се политичките интереси на големите сили, потврдува и посебната студија за Македонија изработена од Историскиот одделение на *Форин офис*, бр. 21 од 1920 година[2372], на Велика Британија[2373], во кој јасно се издвојуваат македонските словени[2374], (во кои спаѓаат и оние од Тетово и Тетовско)[2375], од српските и бугарските, според кои тие биле посебен народ се до 1870 година, кога започнува жестоката пропаганда на соседните народи за наметнување на туѓа национална свест. Според овој стручен тим од британски историчари, *во последните години бил извршен толку голем*

[2368] Истото, 28.Како најсликовит пример за таа состојба, хрватскиот истражувач го посочува случајот со еден постар човек од едно гостиварско село кој му го раскажал следното: *За врме на бугарската окупација (1915 - 1918), му дошол во куќата еден бугарски свештеник. Децата се собрале. Свештеникот го прашал домаќинот што е тој, Бугарин или Србин. И тогаш стариот селанец станал, се прекрстил пред бугарскиот свештеник и му одговорил: Јас сум ова (т.е. христијанин), а тие (т.е. децата), ќе ти бидат тоа, на што ќе ги научиш*

[2369] Се мисли на Македонците.

[2370] Истото, 29.

[2371] Се мисли на Кралството СХС и Кралството Југославија (1918 - 1941).

[2372] Тодор Чепреганов, Лилјана Пановска, Велика Британија и Македонија, Македонија, ДАРМ, Скопје, 2006.

[2373] За време на Париската мировна конференција во 1919 година, каде што земјите победнички, главно ги кроеле новите граници на Европа и Светот, не според фактичката сосотојба туку според нивните интереси за доминација во светот, една од највлијателните била Велика Британија. Како што е познато оваа мировна конференција, во поглед на Македонија само ја потврдила нејзината насилна поделба меѓу соседните балкански држави. Иако, нејзината делегација имала јасни сознанија за посебноста на македонското население, Велика Британија истото тоа го потврдила.

[2374] Истото, 31 – 33, 141 - 142.

[2375] Истото, 23, 129.

политички притисок врз македонските Словени, така и дури што и плебисцитот може да се стави под сомневање[2376].

Германскиот писател и публицист Херман Вендел, во 1920 година распрашувајќи ги граѓаните на повеќе македонски села и градови, за нивната национална припадност, меѓу кои и на граѓаните на Тетово, констатирал дека Македонците се посебно словенско племе кое заедно со Бугарите, Србите, Хрватите и Словенците ја сочинуваат групата на јужните Словени[2377].

6.4. СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА

Тетовската македонска семејна заедница имала свои специфичности зависно од тоа дали семејствата се стари тетовски или се дојдени од некој дел на Македонија или Косово. Дојдените семејства, со себе ги носеле карактеристиките на поднебјето од каде што доаѓале: говор, носија, обичајни традиции, морални норми, ниво на образование и сл. Овие семејства дури во својата втора генерација ги примаат локалниот говор и обичаи на мнозинското македонско население на градот. Но сите овие доселеници, свесно или несвесно со себе носат и печат на потеклото, па оние семејства кои во градот се одјдени во поголем број, несомнено оставаат свој прилог во културата на секојдневниот живот.

Во тетовските македонски семејства еден син секогаш останувал да живее во куќата со семејството и неговите родители. Доколку некој таков син ја напуштил куќата на родителите се сметало за голем грев. Но времето со своите нови навики и потреби започнале немилосрдно да дејсвуваат врз распаѓањето на семејните заедници. Во почетокот на 20. век, *во турско*, тоа се случило во семејството Бабасељовци кога синот со неговото семејство се издвоил и ја напуштил куќата на своите родители. Тетовската конзервативна средина го осудила овој чин, и некои луѓе му плукале пред неговата врата. Овој настан предизвикал уште неколку такви случаи во градот, со што започнала новата навика, секој што сакал со своето семејство да се издвои од своите родители, тоа да го стори и со тоа таа појава понатаму била прифатена како нормална[2378].

Покрај процесот на распаѓањето на едно минимално семејство во кое заеднички живееле три генерации, се уште и во првата половина на 20. век, опстојувале и повеќе големи семејни заедници, односно семејни задруги, како рецидив од старите времиња. Интересно е сознанието на Јован Хаџи Васиљевиќ, кој истакнува дека во 1909 година, *повеќето од*

[2376] Истото, 32.
[2377] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, книга 1, Мисла, Скопје, 1981, 295 – 297.Херман Вендел престојувал во Кралството СХС неколку пати во 1920 година и во тие рамки го посетил и вардарскиот дел на Македонија, односно неколку градови меѓу кои и Тетово. Своите впечатоци од овие посети ги испечатил во книгата *Од Марибор до Берлин.*
[2378] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 12. 2006; 15. 11. 2007.

Христијаните во Тетово немаат свои куќи - згради, и дека *во повеќето куќни објекти живеат по две и по три семејства*[2379].

Во тој период во Тетово се уште се среќавала т.н. семејна задруга која претставувала корисно решение на многу проблеми на социјалната и економска организација и таа истрајност на задругата се должела на потребата од неа а не од опстојувањето на традицијата[2380]. Главните карактеристики на македонската семејна задруга биле: 1.) две или повеќе биолошки семејства, 2.) кои поседуваат заеднички имот, приход 3.) претставува производствена и потрошувачка заедница 4.) имаат најблиско крвно сродство 5.) во кое може да се приклучи и зетот како *домазет* 6.) Со општото управување на задругата и нејзиното застапување кон надворешниот свет бил задолжен *домаќинот* или *старешината*, а 7.) домашната работа ја раководела една жена *домаќинката*[2381].

Најчесто задругата се состоела од татко и мајка и семејствата на своите синови, а поретко во задругата се среќава и братот на домаќинот со своето семејство и семејството на некоја од ќерките со домазетот. Кога некое семејство се одделувало од задругата или договорно сите семејства се одделувале, се вршела и поделба на имотот.

Доколку невестата со мажењето би донела и имот како мираз, наречен *башкалак*, задругата заеднички го користела но наследници на тој имот биле децата на невестата која го донела имотот. Во сочуваните црковни и општински домовници (евиденциони книги) во Тетово од 1931 година се среќаваат семејните задруги, но по бројност тие се многу помали од некогашните и броеле од 10 – 15 членови, а задругите над 20 члена во грдот се броеле на прсти. Некои семејни задруги во Тетово биле доселувани од селата во Полог и планинските предели. Тие со себе ги носеле и специфичните навики и односи во задругата и заедницата, карактеристични за пределот од каде што се исселувале. Во градски услови на живот ваквите семејни задруги неминовно биле неодржливи и нивниот број во дваесеттите и триесеттите години на 20. век драстично опаднал. Во 19. век распаѓањето на задругата се должело на печалбарството, во 20. век, појавата на социјалистичкото уредување и индустријализацијата го довршиле тој процес. Социолошките истражувања укажуваат дека личната безбедност, печалбарството, индустријализацијата, социјализмот се оние појави кои овозможиле работа и егзистенција за кои не биле потребни средства за производство кои не се сопственост на семејните задруги[2382], по завршетокот на Првата светска војна личната безбедност и слободното движење биле неспоредливо подобрени. Според тоа семејната задруга во периодот

[2379] Јован Хаџи Васиљевић, по тетовској . . . цит. дело, 18.
[2380] Џорџ Форд, Семејната задруга во СР Македонија, Историја, бр. 2, Скопје, 1984, 351 – 363.
[2381] Истото, 352 – 353.
[2382] Истото, 355 – 356.

на своето опстојување имала голема оправданост пред се поради тоа што претставувала извор на лична и економска сигурност и социјално-психолошка сатисфакција[2383].

Токму горенаведените економски промени влијаеле и врз распаѓањето на тетовските семејни задруги. Од овие причини во Тетово се одржале семејните заедници и задруги на оние семејства каде дејноста со која се занимавале барала ангажман на поголем број луѓе и располагале со средства и имоти кои тоа го овозможувале како што се семејните задруги кои се занимавале со градинарство (бавчованџиство) или сточарство.

Македонското семејство во Тетово, кон крајот на 19. и почетокот на 20. век, пред се било патријахално. Андреа Стојанов[2384] тетовското семејство го смета за здраво семејство, каде чесноста, мудроста, трезвеноста, почитувањето на возрасните биле свети. Децата и кога ќе станат возрасни ја почитувале волјата на родителите, дури и околу изборот на брачниот другар. Според Стојанов тоа доаѓа од таму што мошне често младите се венчавале многу рано, машките на 17 – 18 години а девојчињата на 13 – 14 години. Истиот автор ги критикува обичаите на тетовчани кои многу вложуваат во скапата облека и прескапите свадби а од друга страна имаат мошне скромни живеалишта.

Во првата половина на 20. век се уште болести и честите војни носеле со себе и висок процент на смртност. Тоа е една од причините, што во овој период, луѓето не ретко се венчавале по два, три и четири пати во текот на животот[2385].

Семејството, во првата половина на 20. век било речиси незамисливо без еден од неговите носители. Тоа доаѓало од таму што, улогите на мажот и жената биле строго поделени, мажот во дуќанот и чаршијата а жената во куќата. Токму затоа, по губењето на еден од брачните партнери, доаѓало до сериозно нарушување на семејниот систем и мошне брзо доаѓало до премажување или преженување. Во ваквите случаи, сопружниците со себе во новата заедница ги носеле и своите деца од претходните бракови.

Домаќинот е носител на домаќинството, човекот кој ги носи главните одлуки, неговиот збор има пресудно значење и тој со својата работа ја обезбедувал егзистенцијата на семејството. Во занаетчиските и трговските семејства, домаќините се преку целиот ден во дуќаните, но и оние кои биле обични работници останувале на работа додека се стемни.

[2383] Истото, 361.

[2384] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, 07. 03. 1891, бр. 24, 2.

[2385] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006. *Когај чуек ќе га изгуби првата жена, другата га чуа појќе, па затоа не га пуштау да излага ноќум у ќенеф у двор да на настине, па се викало: Друга жена у тепсија моча.*

Домаќинот - мажот е претставник на семејството пред органите на власта, црквата, училиштето и воопшто во целокупниот јавен живот, што било резултат на поделените улоги на мажот и жената. Значи мажот ги обавува сите јавни работи.

Таткото бил апсолутен господар на семејството, неговиот збор е диктаторски; неговото влегување во куќата предизвикувало тишина, помладите станувале и бодро го следеле секое негово движење. Домаќинката, неговата жена штом ќе го слушнела неговото доаѓање, му одела во пресрет, го следела до собата или би му извадила столица во градината[2386]. Главните одлуки за домаќинството домаќинот ги кажувал после ручекот на софра, кое во тоа време било главно јадење. Се разговарало за утрешниот ден, што било потребно и што требало да се направи во куќата, жената се прашувала доколку нешто било потребно од намирниците и слично, а за работите во дуќанот ретко се разговарало, затоа што тоа била *мушка работа*[2387].

За машките во Тетово, првото световно училиште е отворено уште во 1823 година. Тие пред жените започнале да студираат, да патуваат во странство, да се занимаваат со спорт и културни организирани активности. Тие поради ваквите околности се чувствувале многу посупериорни од жените.

Македонката во Тетово во 19. и почетокот на 20. век, живеела во конзервативна средина, која била диктирана од општествените околности кои не се менувале со векови. Тоа значело дека нејзиниот свет се движел во куќата. Потчинета на мажот и посветена на семејството и домот, нејзината врска со надворешниот свет се одвивала по строго утврден непишан ред. Освен обврските во куќата и семејството, жената остварувала комуникација со роднините и тоа со женскиот дел при свадби, веселби, повечеринки и во црква. Движењето, надвор од куќата до 1912 година било строго ограничени контролирано и се одвивало низ капицици. *Женскиот свет кој инаку ретко, а помладите никако не смееле да се видат на улица, својата најубава забава ја наоѓал во негувањето на цвеќе а најголемото задоволство во китењето со него. Песната речиси секогаш се разлевала, децата секогаш потпевнувале . . .*[2388] Формата на женското дружење со забава во женските одаи далеку од очите на јавноста се нарекувала *егленџе*, а дружењето на муслиманките и христијанките се нарекувало *арихане*.

[2386] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 232, Филозофски факултет . . . цит. дело, 1/497.

[2387] Блага Петроска, Положбата на жената во семејството,IV научен собир, Полог низ вековите, , Бигорски научно-културни средби,, Тетово - 1978, 145 - 154. Иако истражувањата на положбата на жената не се правеле порано, сепак и оваа студија од 70-тите години на 20. век покажува дека улогата на мажот во тетовското семејство е се уште доминантна, па така на пример мажот со жената се советува само за домашните работи 42,2 %, за се - 55,9%, а за ништо - 1,9%; со парите заеднички располагале - 65%, само жената, 15,4 и само мажот - .19,6; му ги свлекува чевлите и му ги мие нозете на мажот присутно под 5%; жената стои додека мажот јаде - под 5% и станува кога мажот влегува во соба - над 15%.

[2388] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/497. Радивоје Богојевић, О Тетову и тетовцима.

Младата невеста, требало да почитува постари, а тие да и возвраќаат соодветно. *Млада сум се зела и сум затекла многу луди. И ја ќе станем у 5 саатот да му исчистим кондуре на свекор ми. Ако сум била у чељад, ме глеале ка црешња. Свекор ми ме поштуеше. Парете биле у старите и све ми купуеле*[2389]. Во некои семејства, според старите обичаи, невестата првите две – три години ги покирала свекорот и свекрвата со јорган пред спиење.Во домашната атмосвера, младата невеста, која *гувее* (седи пристојно, прави честови, послушна во секој момент без приговор, дури од почит ги мие нозете на свекорот), во дваесеттите и триесеттите години прераснува во невеста која има барем основно училиште, или го продолжува школувањето, која ги прифаќа новите сознанија и трендови, која активно започнува да ги воспитува децата, која е членка на женските здруженија и која дефинитивно ја менува перцепцијата за себе. Понапредните семејства ги пуштаат своите ќерки да се зачленуваат во мешовити хорови, но најчесто покрај своите браќа или најблиски роднини од машкиот род.

Еден од првите значајни чекори во еманципацијата на жената Македонка во Тетово се случил во 1850-тите години кога е отворено првото женско световно училиште во градот[2390]. Со тоа започнало описменувањето на жената. Иако Македонците во градот правеле обиди за еманципација и поголема слобода на своите сопруги, сепак тие биле многу ограничени од османлиското општество кое не било толерантно кон ваквите појави.

Дури и во 1917 година, Г. Баждаров забележал дека на еден настап на скопското гимнастичко друштво *Вардарски јунак* во Тетово, имало мало присуство на дами во публиката, што го толкува со тоа што тетовчанките биле навикнати уште од турското време да седат повеќе во нивните куќи[2391].

Ѓорче Петров ги истакнува тетовчанките дека изработуваат раскошни делови од носијата и други текстилни производи од коприна или од платно[2392].Нејзината улога во куќата била речиси незаменлива[2393]. *Дур са мужите на работа, жената ќе почисти, ќе испрати деца у школо, у занает. Чејзојте се праеле на рука. Плетени везени гарнитуре. Женете морале све тоа да науча зашто све дома се праело, покривќе, черѓе се ткале, се прело и се плело, чорапе. Тогај се набавуело роба у Албанија а они од Италија. Женете имале многу работа: една готви, друга чисти, трећа плете а четврта чува мали деца. Ако немало можност да се чува деца се праќале децата кеј некоја жена да ги чуа за паре*[2394].

[2389] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2008.
[2390] Ј.Х. Васиљевић, По тетовској области, Братство, Београд, 1938, 40.
[2391] Г. Баждаровь, Изь Македонската земя, Македонския научень институть, София, 1926, 50.
[2392] Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по изучуването на Македония, София, 1896, 421.
[2393] Глас Полога, Тетово, бр. 228, 07. 08. 1937, 3.
[2394] Александра Ристоска (1927 -), пензионерка од Тетово, архива – Б.С.

Семејствата биле многудетни, тоа создавало посебни обврски и односи во семејството. *Мајка ми Панда само раѓала и ткала чејзои за дејчињата. Она не видела шетање и не можела да мрдне од дома. По петоците обавезно ишла у црква Св. Никола и постела. Когај сум се родила ја како последно дете, сестрами Менка и рекла на сестра ми Санка: Леле уште едно дејче се роди! - А Санка и рекла: Па што, еве мие ќе га глеамо*[2395].

Покрај овие вообичаени активности во куќата, интересно е што во тетовската традиција, женски работи во куќата биле, цепење на дрва за огрев, палење на *ќумбе* или *шпорет*[2396], и како дел од одржувањето на хигиената, домаќинката била задолжена и за варосување на куќата а цоклето од надворешниот sид го бојадисувала со црна или розева боја, дури ги бојадисувала и рабовите на камените плочи на стазата низ дворот[2397]. *Женска работа било и четкањето на дрвените делови на вратите и пенџерите со вода, затоа што тие не се бојадисувале се до дваесеттите години*[2398].

Домаќинките и девојките не можеле сами да одат на пазар или да влегуваат во дуќаните. Сопругата на мајсторот (*мајсторицата*) не влегувала во неговиот дуќан *од морални причини*[2399]. Кога требало жената да сошие нова облека, таа не одела на дуќан, туку продавачите сечеле парче од платната па мажот ќе и го донесел дома, и ако и се допаѓало ќе го купеле. Ваквиот конзервативен пристап произлегувал од турското општество и третманот во него кон жената. Девојките и жените биле предмет на озборување. Тие јавно најчесто можеле да се видат во црква, кај маалската чешма и мошне ретко на друго место.

По Првата светска војна, освен сопругите на дојдените чиновници, полека речиси стрaмежливо, во чаршијата се појавувале и некои поеманципирани тетовчанки. Веќе во триесетите години ситуацијата драстично се сменила. Девојките биле членови на хуманитарни здруженија, културни друштва, хорови, читални, драмски групи, биле членки дури и на соколското друштво. Девојките и маженитe жени, облечени во *ала франга* излегувале на тетовското корзо, на излети во блиските излитнички места, а најхрабрите од нив и на плажите на реката Вардар. Во градот постоеле женски модни кројачи, кои кроеле фустани според модата во Франција. Новите теркови, најчесто ги набавувале преку Белград.

Во периодот меѓу двете светски војни, покрај основното училиште, младите тетовчанки во голем број, го завршуваат и домаќинското училиште, односно *Раденичко школо*, а некои завршувале и факултети. Во овој период, покрај некои учителки кои потекнувале најчесто од Србија и поретко од Хрватска, се појавиле и првите тетовчанки кои почнале да работаат во

[2395] Олга Мисајлоска (1926 -), пензионерка, Тетово, изјава на . . . 19. 05. 2006, лична архива , Б.С.
[2396] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 12. 2006.
[2397] Истото, 11. 06. 2006.
[2398] Истото, 09. 10. 2008.
[2399] Истото, 11. 08. 2006.

локалната управа (први биле Славка Хаци Галиќ и Наталија Богојевиќ) и да отвораат свои кројачки салони (прва – Мара Бунева) па дури и свои кројачки школи (прва – Горица Богојевиќ). Во Домот на народно здравје се вработуваат и првите медицински сестри и бабици. Оние жени и девојки кои не учеле и не работеле надвор од куќата ги нарекувале *домашарќе*[2400].

Женската носија во Тетово, претставувала многу повеќе од традиционална облека. Како дел од оваа носија се и низите златници кои невестите ги стекнале уште како девојки по пат на наследство од родителите и по пат на заработени средства од продажбата на нивната рачна домашна работа на традиционални производи од текстил. За ваквата традиција пишува и Петар Ритих кој го посетил семејството Богојевиќ во Тетово во 1901 година: . . . *По неколку минути влезе помладата ќерка на домаќинката . . . За оваа церемонија таа требало да облече нова облека и да стави цел систем ѓердани и други украси. Посебно не вчудовиде обичајот да се ставаат неколку ѓердани од златни монети, дваесеттофранци и стофранци. На девојката-невеста се наоѓаше цело имање; се покажа дека е тоа стар обичај, при што победните носат меџидии и монети, пари од помала вредност.* Андреа Стојанов сметал дека за во така сиромашното и од секаде стеснето Тетово, ваквата скапа женска носија ги оптоварувало мажите и дека тетовчанките требало да се откажат од неа.

Сепак се пошироката практика на носење на вакава скапа носија укажува на економското јакнење и зголемените права на христијаните во Османлиската држава во втората половина на 19. век. Но носијата, освен престижот и статусот имала и една друга функција на капитал, односно како што во Тетово се употребувал турскиот израз за тоа, *сермија*. Златниците, односно алтаните на носијата (кои се закачувале на фесчето и на градите) имале висока вредност. Девојките кои се мажеле доаѓале во куќата на својот маж со носијата, на која, во зависност од богатството на девојката толку и златници имало на неа. За некои невести кои потекнувале од богати семејства се велело дека дошла со *златници до пупок.(Жена му од Петре Карајанко имаше с'ра до пупок*[2401]*).* Девојките од посиромашните семејства ставале помал број и со помала вредност златници. Златниците најчесто биле турски лири, но не ретко имало и австриски, руски и француски. Овие вредни европски монети тетовчаните најмногу можеле да ги добијат во трговијата во најголемиот македонски град Солун, чии граѓани биле моќни трговци, особено Евреите и Грците кои тргувале со многу земји[2402].

Додека биле девојки, невестите со ткаење, плетење и везење заработувале пари, ги претворале во златници и ги ределе на носијата. На првиот ред на градите и на челото се ставале највредните монети, најчесто петтолирки.

[2400] Драго Симовски . . . цит. извор, 21. 12. 2007.
[2401] Истото, 15. 02. 2007.
[2402] Марк Мазовер, Солун – град на духови, Аз – Буки, Скопје, 2008, 111.

Во тестаментот на тетовскиот богат фурнација Зарија Петрев Ѓорев Пожаранец од 1908 година[2403], ја откриваме вистинската улога на капиталот на женската носија. Во тестаментот, меѓу другото се предвидува понатамошната судбина на носијата на неговата сопруга во две ситуациии во зависност од тоа дали сопругата решила да остане во семејството по неговата смрт или не. Доколку останува, не е потребен тестамент и да си живее со децата до својата смрт а пак ако оди од куќата да земе 50 лири за се што работела во семејството и алиштата со венчалниот сандак. Алтанот од носијата останува за децата, а ако немаат да и исплатат на мајката 50 лири, веднаш да и дадат на мајката од *алтанот*, како што ги нарекува низите од алтани на носијата. И тоа да и биде *мужоина.*

Златниците од носијата се кинеле само во крајно тешки економски и др. услови и на нив се сметало како на капитал за *недај боже.* Така овие златници се трошеле еден по еден во ситуации на долготрајна економска криза, војна, болести или голема немаштија на семејството или во случај жената да останела без маж и приходи.

Девојчињата освен играта, во куќата добивале свои задолженија уште од седмата година на животот. Најпрвин тоа биле поедноставни и полесни задачи, а потоа некаде од својата десетта или единаесетта година ги чувале помалите деца, учеле да везат и плетат, да ја чистат куќата. По пубертетот, најчесто работата меѓу сестрите и нивната мајка се делала и секоја си ја знаела својата задача. На пример, една работи на чејзовите, односно везе или плете, друга прави ручек, трета чисти, четврта гледа помали деца во куќата и т.н.

Девојките плетеле и своите производи ги продавале. Нивната заработувачка ја претворале во златни лири – алтани. Оние кои успевале да заработаат во своето моминство до 15 лири се сметале за вредни. Алтаните потоа ги ределе на низите на градите на носијата, на тој начин што некој маж од семејството ќе ги однесе истите на кујунџија за да ги прицврсти на низата. *Ѓи однеу алтаните на потковуење*[2404]. Така низите со алтани биле еден вид штедилница за девојките пред мажење во која се ставале и ваделе златници по потреба и тоа

[2403] ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 766, *Зарија Петрев Ѓорев,* Тетово, (1897 - 1920), ст.115.*Ако да седит како мајка да се немужит. Тогај за рат за нега не треба тестамент. Нека седит со децата нека живит дури да умрет. И ако би случајно = да сакат да се мужит. И имат право децата ќи на мајкава ништо да му не дават от стоката и от иманието. Или от пара готоата = освен за изметот што му чинела 50 =лири= да му се дадат. Што му работела замет = параси. И рубата нејзина што носила да га земет со нега. Со сандакот вечан што му бил што го донела да ги турит у нутра и со тоа само и да излезат а друго ништо не и алтанот на низот да го земет на децата тоес алтанот на децата да им останет. Таја вариче и ушници да неземет вариче дил па алтана да земет. От само 50 лири и сандакот.Со сче алиштата нејзини што ги носила = а друго ич ништо. Сче другото на децата да останет: а ако немат децата пари за да муи броат на истиот саат на мајка. От алтанот на до растурат расипат. И да му стокмат децата 5-те лири турски. Еве ова је = нејзи му е сче нејзин подарок мужоина.*

[2404] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 05. 2007.

била нивната *сермија*, односно капитал. Овој капитал во тие мошне променливи и нестабилни времиња, можеле да значат опстанок на жената и нејзиното семејство.

Кога девојчињата ќе станеле моми за мажење, тие помалку излегувале надвор и кога излегувале тоа било во придружба. Сепак, старите навики во чаршијата не се менувале лесно, кога би се појавила некоја девојка, занаетчиите реагирале на свој специфичен начин: *Когај проаѓала некоја дејка убаа, занаетчиите ќе почна да чукаа посилно. Сама дејка да прође низ град било скандал и тиа ретко излагале и тоа со придружба.* На чешма девојките оделе групно и ретко. Кога излегувале биле облечени во чинтиање, но по завршетокот на Првата светска војна се поголем број млади девојки, започнале да ги менуваат навиките и со своите другарки, браќа и сестри излегувале на излети, матинеа, на корзо и други собири во европска облека. Оваа мода била брзо прифатена меѓу младите тетовчанки и веќе во втората половина на 20. век, речиси сите носеле облека според модата. Меѓу првите жени во Тетово кои се осмелиле, не само да се носат европски и да ја скратат косата туку и да отвори свој женски кројачки дуќан била Мара Бунева[2405]

Машките деца се идните носители на семејството, а само еден од нив ќе остане со родителите. Тие најчесто завршувале основно училиште, кое траело 4 години, а потоа ги упатувале на занает. Помал број од децата оделе на понатамошно школување, зависно од нивните афинитети или од желбата на таткото. Во периодот меѓу двете светски војни, бројот на оние кои завршувале полуматура, односно уште 4 години школување (еквивалентно на денешно 8 одделение во ОУ), како и матура, 8 години средно училиште (еднакво на 4 година ССС во денешни услови), бил се поголем, со оглед на тоа што во Тетово од 1928 година постоел земјоделски техникум, полугимназија до 1927 година и понатаму полна гимназија, со што се создале услови за поевтино школување на тетовските деца.

Ја како дете, од школо морав да идем одма у дуќан и морав да служим у дуќан и дедо ми ме терал и да учим у дуќанот. Кој ќе завршев, полнев вода и ќе поштркам пред дуќан. Ако биде све исчистено, тој ме терал да мерим и со паре да работим[2406].

Бројот на оние кои занаетот во детството го заменувале со училиште бил се поголем. Оние машки деца во семејството кои ќе се покажеле на училиште како талентирани продолжувале со школувањето, а другите останувале на занает. Често пати најстариот син останувал со таткото на занаетот и доколку некој од помладите браќа или сестри продолжувале со школувањето, најстариот брат бил оној кој со таткото ги обезбедувале парите за нивното школување.

[2405] Истото.
[2406] Благоја Митрушески . . . цит. извор, 02. 10. 2006.

Дедото и бабата, во семејството имаат активна улога, особено доколку се во можност да се физички активни. Кога најстарите во куќата станувале неспособни за работа, нивните деца и внуци во семејната заедница им укажувале почит, па така било незамисливо тие да бидат напуштани и оставани сами. Во градот често можело да се слушне: дека децата се гледаат за да има кој да ги гледа родителите кога тие ќе остарат. Кон дедото и бабата, во тетовското семејство се негувале особена почит. Нивното мислење, особено на дедото имало влијание, дури и тогаш, кога и еден од синовите ќе го превземе раководењето со домаќинството и куќата. На дедото секогаш му се отстапувало најубавото место во собата за дневен престој, односно самиот го бирал, а исто така почитта се укажувала и на тој начин што на софрата, најпрвин нему му се ставало од јадењето, како и во другите животни и верски ритуали. Истото важело и за бабата, која таа почит ја уживала меѓу жените во домаќинството, а се случувало, кога е жива само бабата, најстариот син и укажувал некои почести во ритуалите, па така синот домаќин, најчесто ќе земе од јадењето и прво на старата мајка ќе и даде.Почитта кон највозрасните во домаќинството, особено се очекувало да ја покажат снаите. Внуците секогаш им стоеле на располагање на највозрасните во семејството и доколку не биле послушни биле укорувани и казнувани од нивните родители.

Во многу тетовски домаќинства, печалбарството била мошне застапено, како основен извор на егзистенција. Еден или повеќе мажи во семејната заедница можеле да бидат на *гурбет*. Во нивно отсуство, дедото или по некогаш бабата играле значајна улога, пред се во раководењето со финансиските средства, одлуката за школување или занает на внуците и внуките, набавката на прехранбени производи и др[2407]. Во семејните заедници, не ретко помагале и родителите на снаата, доколку биле во можност да помогнат или доколку тоа било неопходно.

Пред појавата на болниците и акушерките, во Тетово, раѓањето на децата го воделе самоуки бабици. Кога ќе се родело детето, бабицата која помогнала во породувањето и семејството каде се родило бебето ја сматале како роднина и се одржувале семејни пријателски врски[2408]. Бабиците за својата работа добивале бакшиши.

Бебето се нарекувало со турскиот назив - *максимче*. Во Тетово, кога ќе се родело детето, не го облекувале веднаш во облека, туку го завиваат во пелени. Пелените кои се до самото тело на новороденчето биле памучни а надворешните пелени биле ткаени од бела волна. Кога се раѓало машко дете во куќата се велело дека *се смеа гредете* или *се смеје оџакот*, затоа што машкото останува во куќата, ако се роди девојче се велело дека *плача*

[2407] Никола Јовановски, (1934 -), пензионер од Тетово, архива – Б.С.
[2408] Драго Симовски . . . цит. дело, 11. 12. 2006.

стреете[2409]. Третата вечер се правела вечера и на детето и тогаш за првпат го облекувале во кошулка, минтанче и капа. Покрај бебето се ставало бела и или златна паричка и се верувало дека таа ноќ ќе дошле *наречниците* и ако го видат со капа на глава нема да му пишуваат лошо, туку добро[2410]. Од таа вечер, на детето, односно бебето редовно му се облекувала кошула и над неа пелени. Кога се носело бебето надвор се покривало со јорганче. На лицето му се ставало *дулаче* – свилена бела шамија, *дур не пркне да нео фата наочи.*[2411]Вака детето било облекувано додека не направи една година. После тоа би му се ставала на детето завијачка од бела волна, без разлика на полот. Најважниот момент по раѓањето на новороденчето е неговото крштевање.Заоденото дете во Тетово имало свој термин – *одаљче*[2412]. Најмалото детенце во семејството се нарекувало *сугаре*. До година дена на бебето, семејството не одело на гробишта[2413].

Славењето на роденденди по Втората светска војна е замена за забранетите слави и имендени. *Порано роѓендан у Тетоо никој не славеу и тоа е обичај после Втора светска војна*[2414].

Поради големата смртност на децата постоеле многу суеверија. Машките деца носеле секогаш кратка коса. Во некои семејства на косата им ставале восок во долгнавести облици, како прамени, кои претходно биле избајани од бајачки, за да ги чуваат од разни болести[2415]. Машки деца кои биле единствени на родителите на десното уше носеле *ушник*, мала тркалезна алка. *На татко ми и мајка ми им умирале децата многу мали, не трпеле и ја единствен што сум останал жив,носев ушника на десното уше, па у војска когај ми рекоа да га изваем ушниката, мајка ми викаше: Оф, ќе ми умре детето*[2416]. Таквите деца добивале имиња како Стојан, Стојко, Трпе, Живко и сл.Некои деца до петтата година носеле амајлии направено од оци или дервиши. Амајлиите биле обесени на кожно коланче на кое имало кожно мешинче и внатре се ставало писменце што оцата ќе го напише[2417]. Некои пак деца носеле капи со мунистра, за да луѓето гледаат во нив а не во ликот на детето за да не го урочат.

Посвојувањето често се случувало со договор меѓу роднини и тоа било нормална и честа појава. На пример, со договор меѓу браќа, следното дете од едниот брат да биде посинето од другиот. Откако ќе се родело во првите неколку месеци, според договорот, поради доењето

[2409] Истото, 15. 10. 2007.
[2410] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 323, Филозофски факултет, цит. Фонд, Десанка Митровиќ, О женској тетовској варошкој носии . . . 1/ 1370.
[2411] Драго Симовски . . . цит. извор, 15. 01. 2006.
[2412] Истото
[2413] Истото, 11. 09. 2006.
[2414] Истото, 22. 08. 2006.
[2415] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/1365, Стојко Аћимовиќ, Мушка граѓанска ношња у Тетову.
[2416] Александар Велјаноски, . . . цит.извор, 04. 10. 2006.
[2417] Драго Симовски . . . цит. извор, 15. 01. 2006.

останувало кај биолошката мајка. Потоа, со свечаност и крштевка детето се заведувало во книгите како дете на родителите кои го посвоиле[2418].

Истражувајќи го тетовскиот говор, рускиот научник Селишчев [2419] го запишал раскажувањето на Сава Максимова од Тетово во 1914 година, кој ние го користиме да се запознаеме со тетовските обичаи. Директно запознавање и контакт меѓу младите пред свадбата речиси не постоел. Строгите морални правила тешко го отстапувале својот простор. Стројниците и родителите ја играле клучната улога, затоа Сава Максимовска започнува со зборовите: *Ме дадоа.*Љубица Стефаноска, своето искуство и судбина ги коментира вака: *Ќе те сврша, не знаеш за кого. Мие дејчиња идемо на матине, смо немале паре и на врата еден не нè пушта. Тој што не нè пушти, тој истиот, Борис Стефаноски од Петрета Черенко, ми стана муж и испадна да биде многу добар*[2420].

Спротивставувањето на традиционалниот начин на избор на брачен сопатник, бил настан кој предизвикувал бура од реакции во семејството и во градот. Секое раѓање на нова љубов меѓу младите тетовчани, за која ќе се дознало се претворала во настан за долго раскажување а некои од нив биле преточени во познати тетовски љубовни песни.

Тетовската свадба се одвивала по строго утврдени правила, кои оваа свечена церемонија ја прават во исто време да биде колку комплицирана, толку и интересна. Таа како таква своите основни форми ги задржала се до 30-тите години на 20. век[2421]. На 18. 07. 1936 година, весникот *Глас Пологa*, ја дала следната информација и коментар: *Утре на 19. ов. месец, ќе се венчаат Јован Д. Спириќ, овдешен трговец со госпоѓицата Нада С. Лешковиќ и Димитрије М. Дабевиќ со госпоѓица Милица Ј. Момировиќ. Во Тетово е прв случај, свадба да се*

[2418] Истото, 09. 01. 2007.

[2419] А. М. Селищтев, Полог и его болгарское население, София, 1929, 417. *Мене ме дадоа. Бил болен цела година, а туга ми било дао видим момчето. се качив на таван од баџа да го видим. После па дојде да ја излезем. мој стрико ме истепа, а ја излегоф а у очи не го пулиф и кауфе). Му дадоф и го чекав цела година. Еднаж дојде у лето к'ј Богородица. Ме најде у бавчиќе. Ја легнав у метле и грозница ме фати от срамот. Дојде време да се земемо, к'ј Митровден. на коњ ме качија, со дулак покриена, за рамења ме држија. Коњот татко го држеше. М-однесуа до црква. Се здравуа кумот и таткото и ме венчаја и ме зедуа. По пут се сретов со свадба, ме скрија у сокак да не се видиме двете неесте: узрок не бидуе. Ме донесуа дома пред врата, се поклониф на врата. Ми дауа детенце у руќе па му дадоф кошуља. М-однесуа у соба и дулакот ми го извадиа. Три дајрињa циганќе тупаја. Се собраја сватојте, играја оро. се ст'мни. Турифме софра, турифме раќија на софрата, турифме мезе туршиа турифме виљушки, л'јце и пешкир. На околу на софрата седнаја пријателите, седнале на пернице, се частуеја со раќија, после пиеја. Им турифме лебот, принесофме чорба, по чорбата расоу месо, по расолот јагнија, чумлек, по чумлек печио. После вино ќе пиа. После дар ќе давамо: петнаесе бофчалоци и седеа до шес сат. Им тупаја, играја, веселија. Сватојте отидуа дома. Мене ме дараја кој грош, кој два гроша (ме даруеле). Сега сврши свадба.*

[2420] Љубица Стефаноска (1923 -), пензионерка од Тетово, изјава 08. 09. 2006, лична архива, Б.С.

[2421] ДАРМ, Скопје, ф.бр. 323, Филозофски факултет Скопје, 1920 - 1941, 1/1662, Стојко Аѓимовиќ, Свадбени обичаји у Тетову.

приреди во хотел. За овој прв чекор напред во менувањето на старите надживеани свадбени обичаи кои не упропастуваат и на именуваните треба да им се честита[2422].

Оваа вест во локалниот тетовски весник ја навестувала промената и во овие свадбени обичаи, негувани и развивани со децении и векови, како нешто што во следната деценија неизоставно ќе се случи.Една од основните карактеристики на тетовската свадба е што секое нејзино дејствие е пропратено со соодветна песна, игра со музика, и разни мимики. Притоа има и многу трогателни моменти кои кај луѓето оставаат силен впечаток[2423].

Во османлискиот период, да се избегне мажењето или женењето било речиси незамислива работа. Мошне мал процент на луѓе не стапувале во брак. После првата светска војна се појавуваат примери каде што момците не се женеле се до 30-тата или 40-тата година од животот. Таквите мажи претставувале случаи за кои се коментирало во конзервативната средина, а создавале непријатности и на нивните семејства. Во секој случај просечната возраст на момчињата кои се женеле во овој период имала тенденција на зголемување.

Кога на момчето му доаѓа време за женење и сака да најде за себе некоја девојка за сопруга, тој разговара со своите родители за тоа. Така настанува распрашувањето за онаа девојка која момчето сака да ја земе за сопруга или пак онаа која родителите ќе ја најдат за *мунасип* (соодветна). Кога девојката живее во градот тогаш родителите започнуваат да се интересираат повеќе за девојката, поблиску да ја запознаат, какво е нејзиното здравје, карактер, воспитување, вреднотијата, па и какви се нејзините родители и целото семејство. Истото тоа го прават и родителите на девојката, особено од какво семејство е момчето, неговата материјална состојба, дали е склон на пороци, неговото однесување во чаршијата, здравјето и сл.Ако се *беѓендисале*, тогаш таткото на момчето повикува стројник[2424].

Стројниците биле талентирани и изверзирани луѓе за таа работа, односно *ги бидуе за стројничуење*. Тој што сакал да се жени му се доверувал на стројникот и доколку не успее кај некоја девојка, стројникот може да му бара на повеќе места. Доколку стројникот ги убедил родителите на девојчето дека момчето е добро, вредно и од добро семејство и т.н., иако се согласеле родителите на девојката, тие му давале на стројникот чорапи и шамивче. Потоа стројникот одел кај родителите од момчето за да им ја пренесе убавата вест, па за награда од момчето добивал чевли, затоа што *стројникот ги исцепил кондурете трчајќи да ја заврши работата*[2425].

[2422] Глас Полога, Тетово, бр. 173, 18. 07. 1936, 4.
[2423] Истото, 1663.
[2424] Истото.
[2425] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 08. 2006.

Во градот постоело некое правило за соодносот на возраста на брачните другари, на пример, според обичајното право од 19. век, невестата било пожелно да биде повозрасна за неколку години од младоженецот[2426]. Според сеќавањата на Драго Симовски, се сметало за правилно, невестата да биде три години повозрасна од младоженецот, затоа што се земале млади а невестата требало да биде зрела за раѓање. *Тоа така било до 1935 година, кога печалбарите и студентите не почнаа да земаат помлади невести*[2427].

Малиот сроj е всушност *зарачување* од страна на стројникот на девојката[2428]. Овој процес се случувал најчесто за празник, но понекогаш тоа се правело и во работните денови. Некои семејства кои испраќале стројници по нив истурале вода од стомна за стројничењето да биде успешно. Како награда на стројникот му се подарувало еден пар чорапи и крпа или бофчалок во кој имало: кошула, гаќи и чорапи. При испраќањето жените му пееле:

Ај со здравје млади сројнику;
да поздравиш наша мила свата, наш мили зет,
наша мила сваќа и све друѓи пријатели. . .

Одејќи кон куќата на девојката стројникот не смее со никој да разговара, особено не за запросувањето. Се случувало, стројникот да се врати без да ја запроси девојката, што за момчето и неговото семејство значело голема срамота. Тогаш стројникот оди во куќата на девојката со различни поклони. Така момчето испраќало *прстен* и *алтан*. Свекорот и свекрвата испраќале по еден алтан. Исто така секој од страната на момчето може по нешто да испрати. Стројникот, облечен во свечено одело доаѓал со *ибрик со ракија* во раце кој бил накитен со цвеќе и од надвор обложен со златна хартија. На ибрикот висел црвен конец (во знак на радост) на кој биле нанижани стари пари. Ибрикот се носел, за невестата да има што повеќе машки деца а старите пари се носеле како симбол девојката да доживее длабока старост со својот младоженец. Откако ќе пристигнел стројникот во куќата на девојката, започнувал разговор со домаќинот и му ја кажувал намерата на неговата посета. Притоа го фали момчето и неговото семејство. Во првите две децении на 20. век, девојката не се прашувала дали се согласува или

[2426]ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/493, Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима. Споменатата надгробна плоча во Тетово на гробиштата во маалото Поток се наоѓала и во 20-тите години на 20. век.

[2427] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 08. 2006; 12. 07. 2006. Во Тетово во периодот меѓу двете светски војни постоеле и извесен број бракови со голема возрасна разлика и тоа мажот да биде постар и повеќе од 20 години од невестата, а при тоа на мажите тоа им било прв брак. Таквите мажи биле во зрели години и добро ситуирани. Во градот подбивно ги нарекувале *Лозјарски беќари*, односно, повеќе умот им оди кон копање на лозје, отколку да се женат.Но во домовниците (пописни книги на семејствата) од 20-тите години на 20. век, сепак среќаваме различни соодноси на возрасти меѓу брачните другари. Тоа се должело меѓу другото, и на фактот што домовниците ја бележеле затекнатата состојба на попишувањето, во кое има многу брачни парови кои по втор или трет пат се венчани, најчесто заради рано починување на еден или двајцата сопружници од болести, војни и други причини.

[2428]ДАРМ, Скопје, ф.бр. 323, Филозофски факултет Скопје, 1920 - 1941, 1/1665 - 1667, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову.

дали го видела момчето, што како практика во триесеттите години нагло се напушта. Целиот договор за тоа се одвива меѓу родителите на девојката и стројникот, а после согласноста меѓу нив следела спогодбата за даровите. Ако семејството на девојката е богато се барало од нив да спремат од 20 - 30 бовчалоци, потоа 10 - 150 пара чорапи и околу 50 крпи. Што се однесувало до семејството на момчето, тоа што останато би го донела невестата нив не ги интересирало премногу и се велело дека: *Ако донесе појќе, ќе има за себе*. Се случувало, доколку не се договорат за бовчалоците, малиот строј да не успее. Ако родителите се согласат, тие му давале рака на стројникот зборувајќи: *Аерлија нека није, еднаш за век нека није, нека ни са живи младенци и новото пријателство за век нека није!*Тогаш сите во куќата си честитале а постарите на невенчаните млади членови на семејството им се обраќале со желба и на нив да им дојде редот за ваква убава работа со зборовите: *ај на ваша глава.* Стројникот на девојката и подарува зрело јаболко.

Семејството на момчето со нетрпение го чекало стројникот *кој ќе донесе аберод дејката*. Штом стројникот ќе влезе во куќата некои го дочекувале со песна:

Добре дојде млади стројнику
како остај наша мила снаа,
да ли те добро пречекаја! . . .

Стројникот се поздравувал и ги предавал подароците од кај девојката, што било знак дека ја запросил. Подароците се изложувале во посебна соба, каде што седеле и до недела дена. Уште истиот ден веста са стројот се проширувала низ градот и истиот ден доаѓале луѓе на честитање. Така, ако испаднело дека е во ред од двете страни се започнувало со припреми за големиот строј. Посебни подготовки треба да изврши девојката, а во тоа и помагаат домашниоте и другарките. Во тој ритуал другарките на девојката создавале посебна весела атмосвера, при што ја задевале нивната другарка, се шегувале и пееле многу песни за да ја развеселат[2429].

Чејзот, девојките и нивните мајки го спремале уште од рано детство. Во него имало рачно плетени, везени и ткаени работи, како што биле: ткаено платно со *оја* - чипка, шарени чорапи, особено женски, долен веш од квалитетно платно, крпи везени со срма и прошарани со свила. Од облеката, во чејзот девојката со себе земала и неколку пара *чинтиање*, односно женската народна носија. За идниот сопруг носи кошули и гаќи и др., потоа ткаени перници, *јаглаци* (платнени салфетки), покривачи за маса, 8-10 чаршафи за постела и др. Од девојката не се барало мираз, во смисол на пари. Големината на чејзот зависела и од богатството на нејзините родители, како и колку тие и помогнале во спремањето на истиот.

Големиот строј го закажувале стројникот со сватот и до неговото случување сватовите не правеле никакви меѓусебни посети, освен во случај кога имало големи христијански

[2429] Истото, 1671.

празници како *Божиќ*, *Велигден* или именден на свекорот или момчето. Кога момчето или свекорот треба да одат кај сватовите. Тогаш, идната невеста не се појавува пред гостите. Исто така семејството на момчето не смее да ја види девојката се до денот на свадбата.

За големиот број, двете семејства се спремаат мошне сериозно[2430]. Секој член на семејството спрема по нешто за подарок на девојката, така момчето купувало *џезија свила и дублин, како и ф'станлоци*, со фустани, невестински фустан - *пембезар*, преку лицето се ставало свилена бела шамија – *дулак*, на главата венец од зеленика, накит, чадорче, нараквици, чорапи а подоцна и дамски шешири (паларије).Свекорот и свекрвата исто така свила и по еден *минџ* (австро - унгарска златна монета, еднакво на 60 гроша). Од другите, девојката добива најчесто *к'враџи* (свилени марами) и др. На денот на големиот број сите предвидени гости се собирале најпрвин кај момчето и потоа од таму сите заедно се упатувале кон девојката. Жените сите дарови ги ставале во бакарна тепсија. На неа најпрвин ставаат через, (леблебија) и бонбони, а над нив се поставуваат даровите. Сето тоа се покира со свилена марама со светли бои. На чело на делегацијата оди стројникот и дете со тепсијата на глава. Стројникот повторно го носи ибрикот и *натараклајсаната јабука* (јаболко во кое се втиснуваат различни монети). Зад него оделемашкиот дел на гостите. Ако момчето е *парајлио*, викало и *дајрињa,* односно музичари, кои со песна ја следеле групата.

Кај девојката исто така се собирале роднините и заеднички ги чекале гостите со своите дарови. Кога гостите ќе влезеле во дворот жените пееле:

Добре дошле девет млади стројника,
благо вами снаа што ќе доведете
и дарој што ќе добиете,
со здравје да носите и тн.

Потоа гостите седнуваат на маса, им се принесувало мезе ракија, туршија и пржен џигер. Расположените гости, откако ќе замезат она *што дал Господ*, пееле песни од кои најчести биле: *Вино црвено чаша шарено; Дафино вино црвено* и др[2431]. Додека мажите мезат и пеат, жените ги распростираат даровите ги разгледуваат ги фалат или критикуваат. На крајот, повторно стројникот застанува на чело со ибрикот и ги повикува гостите да си одат со даровите кои ги добиле од семејството на девојката. Овој чин се вика *свршувачка. Свршени смо биле, па татко ми не ме пуштал да излагам у корзо со Бориз. Татко ми викаше: ако се игра тамо бала не га пуштам ќерка ми*[2432]. Кога ќе се вратат дома, роднините од момчето, повторно, даровите ги сместуваат во една соба, каде што така седат и до 2 недели, а од утредента доаѓаат комшиите да ги видат даровите и да разберат како поминале на големиот

[2430] Истото, 1674 - 1677.
[2431] Истото, 1676.
[2432] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.

број. Времето од големиот број до свадбата најчесто е кратко, но понекогаш може да се оддолжи и до година дена, доколку во семејството се случи некој смртен случај или болест. Свадбата не може да се случи и за време на божиќните и велигденските пости[2433].

*Зрајца.*Со овој процес се објавувала свадбата[2434]. Зрајцата се пуштала во понеделникот, а свадбата во неделата во истата седмица. Тогаш таткото на момчето оди кај родителите на девојката, кумот, старосватот и деверот и ги повикува на свадба со *карта* (чутура) со ракија. На картата се врзувал црвен конец на кој висат стари пари, накитена со цвеќе. Тој со себе носи и бофчалок кој е спакуван во картон и го наси кај девојката. Свекорот на домаќините им става во чашки од ракијата која ја донел обраќајќи им се со зборовите: *да заповедате у недеља ќе имамо свадба.* Тогаш, девојката му испраќала уште една бовча, а од свекорот добивала *дублии.*

Во подготовките за свадбата во следните денови до неделата се вклучувале разни луѓе како касапи, да колат стока, асчии кои ја спремаат храната, меанции задолжени за пиењето, асчиите тие сите биле нарекувани како изметчие. Жените сеат жито за правење на лебови, а се пазаруваат и *дајрења или чауџиџије*(чалгации)[2435].

Подготовките се одвивале и кај девојката, а во средата момчето испраќало *к'на*, боја која на девојката и ја нанесувале на косата. Во четвртокот девојката пропратена со жените од нејзиното семејство и другарките, со јадење, пиење и дајрења, на сметка на младоженецот, оделе на бања, кај што меѓу другото се симнувала и к'ната од нејзината коса. Потоа во бањата доаѓале и жените од семејството на младоженоцот. Потоа невестата ќе им поделела марами - *туљбенќе*, глава да врзат. Невестата, додека се бањала, другите жени и помагале и ја триеле со *џирит сапун* (бел сапун). Во водата се слегувало со *риза* – басмиче розе со цвеќенција ситни. Кога невестата ќе излегла од водата ја прекривале со пешкир - *авлија.* Откако ќе завршело бањањето, донесеното јадење и пиење, се јадело на заедничкиот ручек во бањата. На бањарката Марча Сандиица, сопругата на бањацијата, ќе ставела некој бакшиш. Во бањата се пееле песни со дајрења: *Јано, Јано, како ќе се делиш од мајка, тетка . . .*и др..[2436]Во четвртокот, чејзот се праќал кај сватовите *на глеање*.Момчето ќе ги соберел другарите во средата и четвртокот со чалгациите и се веселеле до доцна во ноќта[2437].

Младоженецот во Тетово го нарекувале според турскиот израз *џамутра.* Кај него свадбата почнува од петок навечер, кога доаѓаат во посета неговите другари на *повечеринка.* Утредента, доаѓале *чауѓаѓиете* (чалгациите) и прогласувале во маалото дека тука ќе има

[2433] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, цит. док. 1677.
[2434] Истото, 1678 - 1679.
[2435] Истото, 1680.
[2436] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.
[2437] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 06. 2006.

веселба. Изметчиите доаѓале во саботното утро и секој, според договорот ја работел својата работа.

Жените на свадбата се облекувале во празнична облека, во османлискиот период, сите во *чинтиање* а мажите во *чакшири*. Исклучок во тој период биле гурбетџиите кои се облекувале во одела т.н. *ала франга*. Невестите исто така се венчувале во *чинтиање* и *џубе*. Така било до уриетот во 1908 година, од кога постепено џубето се губи[2438].

Од 8 до 10 часот се зема со музика кумот и старосватот од дома а потоа идеверот. Во саботата, џамутрата одел во бањата и викал чалгации, најчесто од Велес, кога се свиреле и пееле стари македонски песни. Младоженците носеле *црвени чашири*, поубав минтан и скапоцено *фермене*[2439]. Пред самото одење на свадба во 12 часот во дворот или ајатот се одвивало бричењето на младоженецот, а чалгациите свиреле. Бричењето се вршело во присуство на немажените другари, пријатели и роднини, во неделата наутро[2440].За време и на бричењето и после тоа, се пееле песни кога момчето и родителите се расплакувале. Еден од присутните оженети мажи се одредува за човек кој цело време ќе го советува младоженецот како да се однесува на свадбата. Откако ќе го облече оделото, младоженецот им приоѓал на родителите и им ја бакнувал раката, на кумот и на сите постари од семејството за тоа време жените ја местат рубата на невестата во тепсија. Во тепсијата со через и бонбоните се ставале *чинтиањете*, *џубето*, *минтанот*, *чевреto* за покирање на лицето и *тељ*. Тепсијата се покирала со свилен *к'врак*[2441].

После 15 часот се одело кај невестата кога и се носи венчаницата *суботница* со музиката[2442]. Тој ден од страната на џамутрата доаѓаат во посета на *неестата*. На чело на свадбената поворка одат децата со даровите и стројникот, потоа свирачите а позади нив кумата и свекрвата, зад нив оделе жените *инѓе* и најпосле сватовите. Откако ќе се провеселат и нагостат, инѓете си оделе дома. Интересно е што од 20-тите години, жените на свадбата во четвртокот се облекувале сите во *чинтиање* а во недела носеле свечена *ала франга* облека. На мажите им се принесувало јадење на посебна софра. Тие најпрвин мезеле туршија или таратур со ракија, потоа чорба. По мезето и чорбата се давало главното јадење: лана месо, чумлек или јанија. По вечерата постарите пиеле и разговарале, а помладите играле и пееле. Таму се

[2438] Истото; Свадбени обичаји у Тетову, 1681.
[2439] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/1356, Стојко Аћимовић, Мушка грађанска ношња у Тетову.
[2440] Истото.
[2441] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, цит. док. 1684.
[2442] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.

останувало речиси до полноќ и подоцна. После полноќ мора да се премине, *да не игра ѓаолот*[2443].

Во 8 часот наутро во неделата, младоженецот излегува од дома, но не низ главната врата, туку низ некој *капиџик*, со значење да не го види некој и нешто да не го навреди. Пред да појде во црква и по невестата, се бањал и поминувал низ *капиџик* а не низ главната врата, каде што и сватовите проаѓале за да размени *табиет*, навика[2444]. Во неделата наутро,најпрвин стројникот со неколку изметчие одел по музичарите.

Кумството се смета за нешто најсвето и е гарант и најголема чест. *Кумот највише дава ама и нему све му се дава*[2445]. Како подарок на младенците, кумот носел: бакарна тепсија од 2 оки и дулак од свила од 4 аршини (мера нешто пократка од метар). Тепсијата ја носело дете а одозгора *натараклајсана јабука* и цвеќе. Кумот на свадбата доаѓа со своите најблиски и тие се нарекувале *кумоа тајфа*[2446]. Мошне често, како кумови се повикувале најблиски за да не се прават поголеми трошоци[2447]. Во триесеттите години на 20. век, кумот давал *ф'станлок* за невестата, јоргани, јамбулие а на кумот му се давало облека за него и за семејството и алтани[2448].

Старосватот исто така носи подароци за младенците. Ако нема дома девер се зема и тој од друга куќа. Според обичаите, деверот морал да биде стар меѓу 10 и 12 години. Тој носел за невестата венец од вештачко или природно цвеќе. Таткото на деверот ја носи картата со црвениот конец и старите пари а неговата мајка носела *азерски кондуре* за невестата. Кумот, старосватот и деверот се главните сведоци.

Невестата веќе имала припремено дарови за девери, јетрви и свекор и свекрва, дарови за музиката. Нејзините роднини веќе биле излезени пред портата од куќата и ги пречекувале сватовите. Откако ќе се поздравеле, гостите сватови седнувале и биле послужувани со ракија и мезе. За тоа време невестата ја облекувала венчалната руба. Во тоа и помагале млади жени, а една од нив ја советувала и ја учела. Девојките околу неа и пееле убави песни а таа плачела.

Кога сватовите ќе влезеле во невестинската куќа седнувале на маса и биле угостувани со мезе и јадење и се пееле песни. *Адет* - обичај било, по нешто гостите да украдат од масата на домаќините на пример чаша, филџан или сл. Кога кумата се приближувала до вратата од собата каде што била "скриена" невестата, нејзините другарки и женски роднини ја затворале вратата и од внатре и пееле на кумата песна во која и се потсмевале што на невестата и донела

[2443] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 08. 2006.
[2444] Истото.
[2445] Истото.
[2446] Истото, 09. 10. 2007.
[2447] Истото, 18. 12. 2006.
[2448] Истото, 07. 08. 2006.

дулак - *стела самарџиска*. Истото тоа го правеле и за мајката на деверот. На неа и барале со пари да ја откупи невестата. Откако ќе отпеат, ја отворале вратата и влегувала кумата а потоа и мајката на деверот. Пред кумата, невестата три пати се поклонувала и и ја љубела раката а кумата и го префлала дулакот. Истото тоа го правела и со деверовата мајка, а таа и става венец на глава и и ја давала десната чевла, каде што малу се истура вино и сол, со што се симболизира, невестата да биде здрава и црвена како виното. Невестата, пивнувала малку од виното и ја љуби раката на деверовата мајка. Потоа во собата влегувале старосватицата, родителите на младоженецот и невестата на сите им љубела рака. После тоа, *ручниот девер* ја изнесува невестата од куќата и сите заедно се упатуваат кон црквата[2449].

Во 11 часот се поаѓало за црква со невестата и венчавањето морало да заврши до 12 часот, затоа што после 12 во црквата се испраќале починатите. Одејќи патем, пред кумовата, деверовата и старосватовската куќа, невестата три пати се поклонувала, а од куќите некој фрлал бонбони и парички. Пред црквата, семејството на невестата се поздравува со невестата и се враќа дома[2450]. Многу се внимавало, кога свадбената поворка се движела низ улиците да не се видат две невести: *По пут се сретов со свадба, ме скрија у сокак да не се видиме двете неесте: узрок не бидуе*[2451].Според верувањата, доколку се сретнат, едната од нив после некое време ќе умрела. При венчувањето кумот со сито фрла пченица, бонбони и парички. Најсвеченииот дел на свадбата е самата процесија на венчавање на младите во црквата и ставањето на прстените, а младоженецот и невестата при тој чин се подгазувале.

По излегување од црквата, сите сватови се упатувале во куќата на младоженецот. Невестата во новиот дом влегувала со чејз во сандак и со одредени ритуали при влегувањето, кои биле различни во зависност од потеклото на семејствата. Најчесто родителите на невестата кога се враќале дома, го отворале сандукот со чејзот и внатре ставале шише со вино и леб за к'смет (среќа), а потоа сандукот и го испраќале на невестата во нејзиниот нов дом, откако ќе завршела венчавката. Во сандакот имало чаршафи, покрифки, носии, рачно изработени и тие се броеле, како престиж. Рекордот го држела тетовчанка мажена во семејството Кобилчевци со 90 чаршафи, чинтеање, покрифки и т.н., и за тоа многу се зборувало[2452].

Во новата куќа, невестата штом го прекорачувала куќниот праг, примала во раце *конуарче* (машко дете), на кое му дарувала кошулка. Потоа стапнувала на старо одело од младоженецот, ставено во тепсија. Конуарчето го прифаќала во раце, за нејзината прва рожба да биде машко дете, оделото се стапнувало за да ги поништи маѓиите, кои му ги правеле на

[2449] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, док. 1687.
[2450] Истото.
[2451] А. М. Селищтев, Полог . . . цит. дело, 417.
[2452] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 08. 2006.

младоженециот[2453]. Во куќата невестата, со сито сеела брашно *за бериќет*. Потоа во ситото фрлала пари за месаријата. Низ куќата невестата изведувала уште многу други обреди или адети поврзани со разни верувања[2454]. Во исто време сватовите се гоштевале, веселеле и пееле. За време на ручекот се кажуваат здравици. Куќата на младоженецот меѓу првите ја напуштаат кумот и старосватот, кои се испраќале со музика. Веселбата трае се додека се разотидат сите гости.

Музиката, секаде го следела младоженецот. До дваесеттите години повеќето, платени музичари биле гајдации, а потоа, за свадба Тетовчаните се повеќе повикувале блех музика од Врање и најмногу чалгации од Велес[2455]. Позната чалгациска група била онаа на некој си Јорде. Традиционалните гајдации ја следеле свадбата со соодветни песни за невестата и младоженецот, за свекорот и свекрвата, за кумот, за животот, за децата и бериќетот[2456]. Веселбите се одвивале во дворовите. Храната, кај младоженецот ја служеле момчиња во бели престилки. За појадок на сватовите се меселе пити и кисело млеко.

После 16 часот сватовите се упатуваат кај родителите од невестата и со тоа се укажувало дека невестата била чесна. Невестата останува дома кај младоженецот со свекрвата и јетрвите и некои жени. Тогаш се пеело само со дајре и тоа многу интересни песни поврзани со свадбата и животот, кои денес се речиси заборавени[2457].

Во неделата ноќта, невестата спие со девојки, а во понеделникот на *тигајнчари* и *јајчари*, спие со младоженецот – џамутрата. На чело на тигајнчарите оделе децата со една постара жена. Секое дете носело млади *тигањце* или *меќице*. Сето тоа го подготвува семејството на невестата. Родителите прават и татлии, кои ги носи жена. Кога ќе дошле кај невестата, таа ги пречекува со слатко и ги бакнува во чело. Во секоја чинија невестата става по еден симит, а младоженецот пари. Тој ден доаѓале многу гости а невестата гувеела[2458].

Доколку е чесна невестата, свекрвата следното утро, ќе искршела 2 – 3 стомни во дворот и истото утро сватовите оделе на *блага раќија*[2459].Во понеделникот вечер доаѓаат другарите од џамутрата. Во вторникот, свекрвата го испраќала ибрикот на сватовите со *блага раќија* и симит како знак дека невестата *излегла чесна.* Ако невестата не била чесна, се

[2453] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, док. 1688.
[2454] Истото. На пример, невестата ги допираа сите клинци кои се заковани по ќошињата на гредите низ куќата, во секое тенџере истура по малку сол и најпосле со главата три пати чукнува на оџакот, за биде добра и вредна домаќинка и т.н.
[2455] Никола Ставрић, Чалгације . . . цит. дело, 18.
[2456] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, док. 1688.
[2457] Истото.
[2458] Истото, 1690.
[2459] Драго Симовски . . . цит. извор, 29. 01. 2007.

случувало некоја да биде вратена кај нејзините родители на магаре, седната на него наопаку, држејќи се за неговиот опаш[2460].

До средината на триесеттите години, а подоцна многу помалку, невестата одреден период *гувее* (се срами) и не работи во тој период и доаѓаат роднини да ја видат, а потоа работата во куќата останува на невестата. Таа покажувала почитување кон свекорот и свекрвата со гестови, како задржување на палто при облекувањето, покирање при спиење, миела нозе и чистела чевли на свекорот, да принесе се за јадење на ручек или вечера[2461].

После 2 недели, младоженецот и невестата одат на *првиче*, кај родителие на невестата. Тогаш таму остануваат три дена. Третиот ден доаѓала свекрвата и ја враќала невестата дома. После тоа младенците ги повикуваат на гости кај кумот и старосватот. Невестата во куќата ја нарекувале *нееста* во првата година од бракот, но во некои куќи ја нарекувале така и после тоа[2462].

Бидејќи сите обреди околу свадбата траеле неколку дена и повеќе, помошта од најблиските и комшиите била неопходна. Комшиите и роднините ги отстапувале дури и своите куќи за да се примат гости кои доаѓале од други места. На поголемите свадби, односно на свадбите на побогатите и угледни граѓани на кои имало голем број на покани за свабата на уважени гости од други места се отстапувале и десетина куќи. Таков пример за паметење била свадбата на синот на чорбацијата Ристо Гогов и ќерката на попот Симо, кој подоцна станал и архимандрит. На попот Симо му биле ставени на располагање 42 куќи, со што му се укажувало и почит за што било пишувано и во еден белградски весник[2463]. На свадбите речиси секогаш биле ангажирани и *месарии*. Тоа биле платени жени кои подготвувале јадења за време на свадбата од четврток до недела, па и подоцна на тигајнчари. Нив ги нарекувале во Тетово и со турскиот израз *авчиице* (готвачки). Познати месарии биле Епса Качарка, Апчејца и др[2464]. Тие за нивната работа биле платени и дарувани од невестата со *кошула и други алишта*. Покрај авчиицете имало и други помошници – *изметчии*, кои за својата работа добивале дарови, најчесто кошула, кравата и чорапи.

Во годините по Втората светска војна, иако оваа традиција продолжила, полека го отстапувала местото на љубовната врска на младите како мотив за брак. Во почетокот на триесеттите години на 20. век, браковите започнале да се склопуваат како резултат на љубовна

[2460] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, док, 1690.
[2461] Драго Симовски . . . цит. извор, 24. 10, 2006.
[2462] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Стојна ?, Свадбени обичаји у Тетову, док, 1691.
[2463] B. Josifovski, Petar Kočić u Tetovu, Oslobođenje, Sarajevo, 03. 02. 1957, 5; Boro Josifovski, Jedna famozna svadba, Oslobođenje, Sarajevo, 25. 08. 1973, 2.
[2464] Драго Симовски . . . цит. извор, 17. 05. 2007.

врска, затоа се појавиле и серенадите[2465]. Можноста за дружење преку излегувањето на корзо, училиштата, културните настани, игранките, и мешовитите хорови, овозможиле, младите се почесто да се земаат меѓу себе *со љубов* а не *со стројници*. Строгите правила на немање физички контакт на вљубените продолжил да важикај некои семејства и до четриесеттите години на 20. век. Љубовта или симпатијата се изразувала со поглед или преку доверливи пријателки и пријатели. Во турскиот период па се до триесеттите години на 20. век, момчињата не ги загледувале девојките во очи, *инаку ќе пукне брука*[2466]. Во еден тетовски црковен извештај од 30-тите години на 20. век се вели: *Во поглед на склопувањето на бракот е задржан оној стар патријахален начин, да околу мажењето и женењето на своето дете се јавува спогодба со пријатели за купување на дарови или како што јавноста вели: купување на жени. Домаќинот кој го жени синот на новиот сват му дава извесна сума на пари, за да овој сват купи дарови на девојката. Ваквиот начин на спогодба е штетна за оние кои се сиромашни, а сакаат од љубов да се земат и наспроти волјата на родителите, па во овој крај се случуваат примери на бегалки, ако тоа родителите не го спречат со склопување на брак со други лица.*[2467].

Поради сите овие причини, во Тетово случаите на бегство на девојката во домот на саканиот не била ретка појава. Најчеста причина за бегство, била несогласувањето на родителите со изборот на ќерката, поточно материјалната состојба на момчето во кое се вљубила. Силната традиција, мошне често, вљубените ги попречувала да се одлучат и на таков чекор. Таквата судбина е опеана во старата тетовска песна *Кажи Епсо Димушеа* во која убавата Епса Димушева била спремна да избега за Мато Кузманов Шетовче, кој иако ја сакал веќе три години не се одлучил *да га грабне* неговата љубена. Епса за последен пат го повикала Матота на денот на нејзината свршувачка, но и по последната тајна средба со него, тој останал неодлучен. После месец дена Епса се омажила за Душан Ѓигов[2468].

Причина за бегството била и забременувањето на девојката, но мошне ретко. Односите на родителите и децата во такви ситуации се затегнати и тензични, а најчесто се смирувале откако ќе се родело дете[2469]. Пребегнатата девојка во Тетово се нарекувала *бегаљка*. Првата средба на родителите на бегалката и зетот се нарекувала *првиче*. Тогаш тие во новиот дом на нивната ќерка се пречекувани најсвечено и најбогато, па во Тетово имало изрека: *Како ме*

[2465] Истото, 10. 08. 2006.
[2466] Истото, 15. 01. 2006.
[2467] Мирко Станковски, Документи за тетовските парохии пред 1945, (скрипта), Тетово, 2011, 75.
[2468] Владимир Кочоски, Песни и судбини, Тетово, 2006, 9 - 17.
[2469] Драго Симовски . . . цит. извор, 16. 11. 2006; 06. 12. 2006.

пречекаја ка на првиче. На првиче на бегалката, родителите и носат дарови. Откако ќе се дадел чеизот на младата, таа немала право да бара нешто повеќе од родителите[2470].

За оние кои во тој период се сметале за неморални, на пример жени кои живееле и работеле по ресторани или јавни куќи, црквата не им дозволувала венчавка во вообичаениот термин, односно народот тоа го нарекувал *пред црква.* Доколку имало таква венчавка таа се одвивала во терминот од 5 до 7 часот наутро, *за да не ги гледа народ, за да се одржи моралот.*

Според извештајот на тетовскиот архерејски намесник од 1934 година: *Бракот се цени и почитува како голема христијанска светиња, посебно од страна на жените, кои ја одржуваат чистотата на бракот. Има многу примери да мажот домаќин на куќата, не доаѓа од печалба (гурбет) од странство по неколку години, но сепак неговата домаќинка останува верна на својот брачен другар*[2471].

Мошне ретко во Тетово имало невенчани жени. Тие во градот се нарекувале *држанке.* Инцестите биле ретки. Така во периодот меѓу двете светски војни во градот, од страна на црквата во Тетово и Духовниот суд во Скопје, биле евидентирани 7 случаи на вонбрачен живот кај христијанското население во градот[2472]. *Пред извесно време се случи еден исклучок во Тетово, каде едно момче се загледало во својата братучетка (4 степен) и со неа се обидел да премине во римокатоличка вера, но тие не го примиле. Овој случај е примен од народот со голема осуда и гнасење така што момчето и девојчето се раздвоиле*[2473].

Сите венчавки до 1945 година, задолжително се правеле во црква, кога од таа година, властите признавале само граѓанска венчавка и чинот на венчавањето се одвивал во просториите на општината. На таков начин, свадбените ритуали се поедноставувале, а со текот на времето, многу од овие свадбени обичаи биле речиси заборавени.

За испараќање на покојниците. По смртта на член на семејството, мажите од куќата 40 дена не се бричеле, а многу од алиштата се *вапцувале* со црна боја и сите возрасни во куќата

[2470] Истото, 06. 12. 2006.
[2471] Мирко Станковски, Документи за тетовските парохии пред 1945, (скрипта),Тетово, 2011, 75.
[2472] Податоците за изворот не се објавени поради заштита на личните податоци на граѓаните. Во коментарот за овие 7 вонбрачни парови во градот, меѓу другото се вели: *Повеќето од овие претходно набројени парови живеат вонбрачно по 10 и повеќе години, поголемиот дел изродил вонбрачни деца и ниеден од нив не се обидел да ги отстрани проблемите по законски пат за стапување за повторен брак, туку и понатаму продолжуваат со својот неморален брак, за валкање и срамота на овој патријахален народ и од своите вонбрачни деца, од кои не само што нема да има корист за татковината и општеството, туку од нив се подигаат разни разбојнички и со други пороци наклонети банди.* Поради ваквата проценка, Духовниот суд бара судот во Тетово да ги казни соодветно ваквите појави.
[2473] Мирко Станковски . . . цит. дело, 76.

носеле црнина[2474]. Семејството носело црнина до три години, а мајката за син носела црно *до гроба*[2475].

Покојниците ги облекувале, мажите, и тоа веднаш по настапувањето на смртта. Го облекувале во најновото одело или во венчалното, доколку го имал или доколку било сочувано и чевли. Во рацете му ставале броеница и свеќа. Имало обичај на покојникот да му се остави во сандукот некоја пара.

Сандуците за покојниците биле обоени во црно и најчесто изработани од обични даски, а побогатите семејства користеле со додатни украси. Тие ги изработувале тетовските столари, но во тоа време било неморално да има готов сандук во столарските работилници. Тоа значело *како едвај да чекаат некој да умре*. Затоа тие се изработувале веднаш откако некој ќе побара од нив за покојникот од своето семејство. *За праење сандук не се ценкало зашо му се праело тежина на покојникот*[2476]. Во сандукот се ставало чаршав, перница и покров. Сандуците до црквата и гробиштата се носела на обична запрежна кола следена од посмртната поворка. Во дваесеттите години над погребната запрежна кола, Јоше Лепур изработил резбан дрвен покрив, со што испраќањето на покојниците добило подостоинствен изглед. Во триесеттите години, погребалното претпријатие *Конкордија*, од Скопје, давало погребални услуги со специјално направена погребална кола во стакло. Потоа исто таква е набавена и во Тетово. Освен колата, биле украсени и коњите а кочијашот бил облечен во свечено црно одело и шапка. *На погреб имало луѓе речиси од целиот град, особено чаршијата која вообичаено се затворала околу 12 часот, па и занаетчиите присуствувале на погребот*[2477].

Говори за покојниците започнале да се држат од триесеттите години на 20. век и се држеле на *Два Бреста* на еден подзидок[2478]. Некои од говорите за угледните покојници, ги објавувал и локалниот весник *Глас Пологa*, дури, во овој весник се крутикувале свештениците доколку не се кажел некој збор за покојниот од страна на свештениците: *Падна во очи дека ниту еден од претставниците од црквата, кои чинодејствуваа на опелото, не најде за потребно за да се прости од покојникот и да ја истакне неговата заслуга за црквата . . .*[2479]

Андреа Стојанов го критикувал обичајот на тетовчанките кои на *задушница* на гробовите на своите починати носеле голема количина на храна од која се послужувале на сите кои ќе дошле и ќе каснеле нешто *за душа* на мртвите. Големата количина на јадење секогаш

[2474] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 12. 2006.
[2475] Истото . . . 12. 09. 2006.
[2476] Истото, 12. 09. 2006.
[2477] Истото.
[2478] Истото, 02.12.2005.
[2479] Глас Пологa, Тетово, бр. 361, 13. 04. 1940, 3.

останувала па се делела на просјаци, а истата можела да се подели и на сиромашните и вдовиците и на кои им било срам да просат[2480].

Пред да се погребе, членовите на семејството се фотографирале покрај покојникот во отворен сандук. Фотографиите се правеле најмногу поради големиот број печалбари во странство кои не можеле да присуствуваат на тој чин, па истите им биле испраќани или ги гледале откако ќе дојдат на посета дома. Ваквата појава била присутна до почетокот на Втората светска војна[2481]. Присуството на погребот и последното испраќање на покојникот била значајна социјална појава. На погребот често се појавувале и скарани пријатели и членови на семејства, по што доаѓало и до помирување.

Од погребот, понатаму се одвивале повеќе религиски процесии за покојникот. Најубав опис од почетокот на 20. век за сите обичаи ни дава тестаментот од Зарија петрев Ѓорев во кој се предвидени сите неопходни ритуали по смртта на покојникот со трошоците кои при тоа ги предвидел авторот на тестаментот: *1 = в лира за умирачката што требет кондури или антериа*[2482]*. што готда бидет; 1 = в лира за закопнината сосве попои и клепала*[2483] *и ќеруфимите шамие*[2484]*.Обесуење; 1 = в лира за сандакот праење, и за гробарите што ќе откопуат гробот . . . ; 1 = в лира за ручек когај ќе се вратат от царква за душа што ќе јадат; 1 = в лира за насиромаси копчина или метелици*[2485] *што раздадат когаи ќе ме закопаат за душа; 1 = в лира за на четресет дена за колиото*[2486] *парво што ќе ми извајте у царква за свеќи. и пулалие*[2487]*; 1 = в лира за на една година колиотот парво што ќе ми вајате дефа и за чеклуата*[2488] *за душа моа и умрелите; 1 = в лира дефа за пол година колио;1 = в лира дефа за на трећата година колиото сваршатак. За масраф за свеќи и попојте; 1 = в лира бакшиш дефадан*[2489] *оставам. Когај ќе се откопует гроботза тој што ќе ми ги измиет коските. Со тој што ќе му поможет и да ми ги турат со коските мајкиними заедно и да ми ги измиет со вино =свите и да ги чатат; 15 = в лири за паметник за гробот и кадрото мое на карстот; 1 = в една лира за камене за бигурите што ќе ги купит от кале 33 = камња бигурите . . .;1 = ведна лира за праене на мајсторот за паметникот за гробот . . .; 1 = в и една лира за арч масарив чимента железа за*

[2480] Андрей Стояновь, *Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, бр. 34, 16. 05. 1891, 2.
[2481] Драго Симовски . . . цит. извор, 30. 01. 2007.
[2482] Антериа - облека од едно парче.
[2483] Клепала - се мисли за оној човек кој ќе чука на клепалото.
[2484] Ќеруфимите шамие - шамии кои се даруваат на луѓето што помагаат при погребот.
[2485] Металици - метални пари.
[2486] Колиото - помен.
[2487] Пулалие - главни црковни свеќи.
[2488] Чеклуата - ?
[2489] Дефадан - отпосле.

напаравуене гробот убаво да бидет . . . ; 1 = в *лира за околу наоколу у нутра околу пердината*[2490] *за сеене = зеленика како бавчиче . . . ; 1 = в и една лира оставам за кандилото у гробот што ќе ми се палит за до годината: Маслото . . .; 1 = в лира дефа за от годината после за до 3-те години = по празниците само. Да се палит кандилото за дарвеното масло*[2491]*. За гробар; 1 = в лира оставам на таја сирота што ќе ми ги палит кандилата . . .*

Смртноста на новороденчињата уште во првата година од животот била мошне висока, што се забележува од евиденциите на православните семејства во домовниците, водени од општината и црквите. И покрај многудетноста на семејствата, губењето на новороденчињата се доживувале како трагедија за семејството и целото маало[2492].

Доколку некој извршил самоубиство, ги погребувале надвор од градските гробишта, за да се осуди таквата постапка и се вели дека го закопале *преку ѕид.*

Градење на нова куќа. Домаќинот кој ја градел куќата, добивал благослов од неговите родители, доколку се живи. Во темелите се ставал курбан, при што се колело јагне или петел. Кога ќе се подигнела *чатијата* (кровната конструкција), се ставал бајрак со крст на нејзиниот највисок дел.

Во Тетово кога ќе се изградела нова куќа, три дена и ноќи горело ќумбето да се загреат ѕидовите, па после се вселувало во куќата. Се повикувал свештеникот за да ја освети куќата. После тоа, луѓето оделе на честитање, наречено *кутлама.* На кутлама се носеле дарови за новата куќа, најчесто ситни предмети, потребни во домаќинството пред се во кујната. Најблиските роднини носеле највредни поклони.

6.5 РЕЛИГИСКИТЕ ОБИЧАИ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Во Тетово, Македонците биле православни верници[2493], а бројот на Македонците муслимани во градот бил незначителен, односно неколку семејства, доселени од Урвич, Јеловјане и горанските села.

Верата и верските обичаи кај православните тетовчани играле важна улога во секојдневниот живот. Православната вера налагала свој начин на живеење и била најсигурното уточиште на сочувување на вековните традиции и идентитетот.

[2490] Пердината - се мисли на оградата.
[2491] Дарвеното масло - маслиново масло.
[2492] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 12. 2006.
[2493] Истото, 02.12.2005. *Меѓу рисјаните у Тетоо, свите смо биле православни, само еден лимар беше протестант.*

Во секоја православна тетовска куќа имало икони, кандила, дури и мали простории за молитви. Задолжително имало икони од светците чии слави се славеле во домаќинството или чие име носи некој од членовите. Наутро, луѓето се молеле за здравје, мир и бериќет, му се заблагодарувале на Господа за денот кој го живееле. Секој занаетчија, земјоделец или аргат, кога ќе излегол од дома, ќе се прекрстел и ќе речел: *Аj со Бога напред да имам напредија у работата*[2494]. Кога, домаќинот се враќал од работа, прво одел пред иконата во домот и се прекрстувал.

Оброците, особено ручекот започнувале со прекрстување или молитва а исто така и на крајот[2495]. Се почитувале сите постови, како од возрасните така и од децата, за да на секој крај на постењето се одело во црква на причестување. Верата била присутна и во училиштата, каде што децата учеле за неа, дури и заеднички се причестувале после постовите и заедно со учителите или професорите ја посетувале црквата. Работната недела била прилагодена според верските обичаи. За време на големите пости, православните месари 7 недели не работеле[2496].

Обредите од животниот циклус, раѓање, венчавка и умирање биле најважните моменти од раѓањето до починувањето на човекот. Во сите нив црквата и религијата биле нераскинлив дел. Датирањето на настаните и појавите, се правело според православниот календар, па така кога требало да се каже за некого, кога е роден, се велело: *на Св. Трипун*, *на Велигден* или *Комитете у планина биле од Ѓурѓовден до Митровден* или *До Св. Атанасие м'глата је у поле, од Св. Атанасие м'глата је у гора.*

Од 1873 година тетовчани немале вистински црковен објект се до првата деценија на 20. век. Уништените и запалени цркви *Св. Богородица*, *Св. Никола*, *Св. Атанасиј* биле обични руини. Дури тогаш, православниот дух не ги напуштал тетовските христијани. Во тие тешки времиња православните обреди редовно ги извршувале во една поголема просторија во тетовското училиште. Сепак во почетокот на 20. век започнале возобновувањата на црквите *Св. Никола*, *Св. Богородица*, *Св. Атанасија*, и изградба на новата црква *Св. Кирил и Методиј* во маалото *Два Бреста*, а на новите гробишта изградена е црквата *Св. Димитрија.*

Покрај празниците на светците на кои биле посветени и неделните литургии, црквите особено биле посетувани за време на големите христијански празници: *Божиќ*, *Водици*, *Велигден*, *Св. Дуси* или *Духовден* и т.н. Со масовната посета на верниците, се чини дека *Велигден* во Тетово е ненадминат[2497].

[2494] Драго Симовски . . . цит. извор, 22. 08. 2006.
[2495] Божидар Васовски . . . цит. извор, 06. 06. 2006.
[2496] Драго Симовски . . . цит. извор, 23. 10. 2006.
[2497] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 73 – 77.

За време на празниците на потегот од црквата *Св. Никола* до црквата *Св. Кирил и Методиј*, доаѓале *серѓије*, тезгари и продавале икони, календарчиња, свеќи и друг материјал поврзан за обредите на православната вера, а граѓаните, свечено облечени ги посетувале црквите за литургија[2498]. И некои други верски празници свечено се прославувале во градот, дури и во периодот на османлиското владеење, што покажува дека слободите на верското изразување тогаш имало јавен и свечен карактер. Така во 1901 година Ритих дава опис на еден верски православен празник во Тетово: *Беше голем православен празник - 29 јуни, т.е. ден на апостолите Петар и Павле. Христијанскиот квартал беше исчистен и накитен, секаде се гледаа ленти, мониста а исто така, нови палта и кафтани. На црковниот плоштад, каде што се наоѓале двете цркви и гробиштата до нив, стоеше голема толпа народ. Седеа на гробовите на своите блиски. Од црквата се слушаше црковно пеење*[2499].

Во еден извештај на тетовскиот архиерејски намесник од 1934 година, меѓу другото се вели дека во овој крај, народот бил многу побожен и редовно ја посетувал црквата, освен еден мал број на луѓе кои биле исклучок: *Сите без разлика на пол и возраст се причестуваат четири пати годишно, а исповед вршат само постарите мажи и жени, како што тоа им останало од порано. Се разбира свештенството сега работи на тоа, да сите возрасни членови се причестуваат со оваа света тајна и да се исповедаат. Меѓутоа во овој поглед се чувствува слабост, но сепак има успех*[2500].

Секое семејство и секој еснаф имале по некој свој светец и на неговиот празник се дигало *панагија* односно *се служи*, како што таа процесија ја нарекуваат граѓаните на Тетово[2501]. За време на празникот жените носеле една или повеќе *просфори*, малку варена пченица, во која се забодувала свеќа и по малку масло за црковните кандила. На вечерната служба во очи на празникот се *отчитувалопеттолебието* за сите кои празнувале и се споменуваат имињата на сите живи членови на семејството или еснафот. На излегување од црквата секој зема по парче од просфората. На самиот празник свештеникот одел во секоја куќа која празнувала, каде е подготвена една *просфора* или домашен леб, варена пченица и вино. Свештеникот над лебот и пченицата прочитувал неколку молитви, ја прекршува просфората или лебот и истура малку вино во неговата средина и им делел по парче од неа на присутните. Во секое семејство се славел секој именден на домашните како и куќната слава.

[2498] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 11. 2008.
[2499] Цветан Станоевски, Како јавидоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 102.
[2500] Мирко Станковски, цит. дело, 75.
[2501] Миленко Филиповић, Породична слава и сличне славе у Тетову, Гласник Етнографског друштва у Београду, књ. VI, 16 – 27, Београд, 1935.

Традиционално кај тетовчаните е почитувањето, посетата и дарувањето на манастирите и школувањето во нив и тоа во *Св. Јован Бигорски* во Дебарско, *Св. Богородица Пречиста* во Кичевско а од возобновувањето и во Лешочкиот манастир *Св. Атанасиј*[2502].

Во Тетово постоело и Тетовско побожно друштво *Св Тројство*, за кое не се знае многу освен дека во 1938 година организирало *ходочашќе* во манастирите *Св. Наум* во Охрид и *Св. Јован Бигорски* во Дебар[2503].

Св. Атанасиј. Тетовчани и во турскиот период, на празникот *Св. Атансиј – зимски* (31 јануари), како и на *Св. Атанасиј - летен* (15 мај), редовно го посетувале тетовското *Кале*, каде што се наоѓале остатоци од стара црква, која несомнено била дел од некогашниот манастир[2504]. Околу 1913 година, на местото на старата црква изградена е нова. Посетеноста од тетовчаните била мошне масовна[2505]. Кога се одело на калето за овој празник, тетовчаните оделе организирано по маала[2506]. Оваа традиција продолжила и во понатамошниот период, дури и за време на комунизмот.

Балаклија. Во црквата *Св. Богородица Хтетовска*, како и во параклисот пред да се возобнови истата, секоја година, за време на празникот *Балаклија* се собирал голем број на граѓани од Тетово, кои доаѓале со цели семејства. После црковната церемонија, која се изведувала со хорско пеење, по целиот брег на реката Пена, која тече во непосредна близина, седнувале во друштва тетовските семејства кои се дружат со приготвена храна и целиот ден се пееле народни старограднски песни[2507].

Ѓурѓовден. На Ѓурѓовден, традиционално го посетувале црквичето во с. Мала Речица, каде што после црковната процесија, народот се дружел и веселел во црковниот двор, целиот ден[2508]. *Црквата Св. Ѓорѓија во селото Речица кај Тетово на мошне свечен начин ја прославила својата слава Ѓурѓовден. Свеченоста започнала уште во очи на славата кога била поставено звоното на природна камбанерија, со Божји благослов на обраснатиот брест до самата црквена порта. Ѓурѓовден осамна тмурен и дождлив, но мелодичните звуци на новото звоно ја привлекоа масата на побожните луѓе од Тетово и околните села Звонот го подарил побожниот граѓанин тетовчанец г. Ѓеро Наумчевиќ* (Наумчевски – забелешка Б.С.), *бивш истаржувач и рудар за време на Турците.*

[2502] ВладимирМошин, Словенски ракописи во Македонија, Архив на Македонија, Скопје, 1971, 170 – 172, 174, 181, 184; АндрейСтояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтувание изъ Тетовско, Новини, Цариградъ,, бр. 34, 16. 05. 1891, 2; 36, 30. 05. 1891, 2.
[2503] Глас Пологa, Тетово, бр. 224, 10. 07. 1937, 3.
[2504] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 32.
[2505] Глас Пологa, Тетово, Слава цркве св. Атанасија у Лахцу, бр. 97, 02. 02. 1935, 2.
[2506] Драго Симовски . . . цит. дело, 08.12. 2005.
[2507] Глас Пологa, Тетово, 15. 05. 1937, 3; Истото, бр.110 – 111, 11. 05. 1935, 3.
[2508] Истото, бр.110 – 111, 11. 05. 1935, 3.

Василица. Новата година се прославувала исклучиво на Василица и тоа во домашна атмосвера, со семејството или и со роднините и пријателите. Сите учествувале во организацијата со тоа што секој по нешто ќе направел за јадење. Се правел и комад со париче. На Василица децата пееле по куќите: *Дојде, дојде, Василица, дај ми Боже сланиница, Да нараним дечицата, да им пукна мешињата* . . . Од куќите на *василичарите* им давале парче суџук, сланина, јајца и други, главно производи од животинско потекло.

Илинден. Во долгогодишните традиции на тетовчани било славењето на празникот Илинден, на многу необично место. На тој ден, традиционално тетовчаните, Македонци, оделе во тетовското бектешко теќе. Тоа го правеле семејно и обредот го изведувало како за празникот "*Богородица*". Тие таму го посетувале гробот на Дервишот серсем *Алија*, кој го сметале за гроб на *Св. Илија*, на кој палеле свеќи. Потоа целиот ден останувале под крошните на овошките во теќето и денот го поминувале во веселби. сето тоа го правеле со дозвола и гостопримство на дервишите[2509]. Се уште не е познато од кога потекнуваат овие традиции на Македонците од Тетово. Имотот на Теќето, некогаш припаѓал на манастирот "*Св. Богородица Хтетовска*"[2510]. Може да се претпостави дека на тоа место христијанското население одело на празнување уште пред да се изгради Теќето. Сепак, Кузман Најденовски, како сведок на тие времиња пишува дека Македонците од секогаш оделе на прошетки во Теќето, но по Илинденското востание, *тетовските Македонци тајно организираа секоја година на денот на востанието, Илинден – Св. Илија масовни излети*[2511].

Велигден. Една недела пред Велигден по куќите се пееле *лазаречки песни.* Песните имале различна содржина, во зависност од тоа дали во семејството имало најмало машко или женско дете[2512] или мома[2513] или момче[2514] за женење и мажење и сите се пееле со истата мелодија.

[2509] Тодор Геровь, При Шар . . . цит. дело, 36-37.
[2510] Истото.
[2511] Кузман Најденовски, Тетово . . . цит. дело, 33.
[2512] *Лазаре, добро утро Лазаре,*
Изникнало борченце /јеличе, Лазаре
Не ми било борченце/јеличе, Лазаре
Тук ми било момченце/девојче, Лазаре
[2513] *Црноока девојко, што се носиш, поносиш*
Со очите бадеми, со устите кутија
Со косете калеми, со веѓете гајтани
Со зубите бисери, побела е од була
Потенка е од пушка, а пооштра од сабја
[2514] *Овде јунак неженет, жените го жените*
Зарем ќе ви побегне у две и три планине
Тамо мома ќе најде, ќе га фати за рука
Ќе и даде јабука, ќе га носи до дома
Нати мајко одмена

Децата пееле по куќите, но тоа го правеле и возрасни со дружини или со музиканти. На *Лазароа недела* се носеле звончиња и врбови гранчиња на врат и се одело во црква.[2515]

Во првата недела од велигденскиот пост, три дена воопшто не се јаде, а тоа во Тетово се нарекувало *тримерење*[2516].Фарбањето на јајцата на *Величетврток*, само во Тетово се нарекувало *вапцуење*[2517]. Едно велигденско јајце, се чува до идниот велигден кај иконата. За *Велигден*, симболично 4 џандари го чувале Исус Христус, а на полноќ еден топ над црквата ќе го наполнеле со карбит и крпи и ќе пукале од него[2518].

*Бадник и Божиќ.*На Бадник се пееле коледарски песни[2519]: *Кој што спие нека стане . . .*, а домаќинките на пеачите, најчесто деца им давале посни јадења и есенски и зимски плодови.

На Божиќ од рано ќе станеме и татковците и дедовците по куќи да честитаат со ракија и слатко и тоа само наутро. Тогаш многу се одеше по куќи и немало: дали сте дома или не сте? Се одело без најавување.

Водици.Водици бил еден од најмасовно посетуваните празници во Тетово. Во тоа време, фрлањето на крстот се одвивало на реката Пена[2520], кај *Казази мостот*, покрај гимназијата.

*Семејни слави и имендени.*Славите и имендените во Тетово биле подеднакво прославувани, иако силно влијание врз семејствата одиграле пропагандите. Така што од патриаршиските семејства се барало да славаат слави а од егзархиските имендени. Најмасовна слава во Тетово била *Св. Никола* а по неа *Св. Петка* или *Св. Параскева* и *Св. АрхангелМихаил*. Според едно истражување, од 1200 православни семејства, во 1930 година славата *Св. Никола* во градот, ја славеле 500 од нив[2521]. Други позастапени слави или имендени биле: *Митровден, Св. Ѓорѓија, Св. Стефан, Св. Илија, Св. Атанасија, Св. Врачи, Св. Мина, Мартинци* и т.н.

Стариот термин на славење се нарекувал служба, па се велело на пример: *мие служимо Св. Никола*. Една недела пред семејниот празник се постело. Ако се постело само поради славата, се спремале само посни јадења, а од утредента и мрсни. Обичаите околу славите и имендените со тек на времето имале одредени измени, особено под влијание на патриаршиската и егзархиската црковна пропаганда. Домашната слава во Тетово во 19. век се

[2515] Нада Симјанова, (1908 – 2006), домаќинка од Тетово, изјава од 01.02.2006, лична архива, БС:
[2516] Александра Ристоска (1927 -), пензионерка од Тетово, изјава – окт. 2005, лична архива – Б.С.
[2517] Драго Симовски . . . цит. извор, 28.11.2005.
[2518] Александар Велјановски . . . цит. извор, 04. 10. 2006.
[2519] Глас Полога, Тетово, Пороslава Бадњег дана у Тетову, 15. 01. 1938, 3.
[2520] Коле Јовановски (1934 -), пензионер од Тетово, архива – Б. С.; Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово, архива – Б.С.
[2521] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит дело, 73.

славела и цела недела[2522]. Според Андреа Стојанов[2523], секое семејство и секој еснаф имале по еден светец за свој покровител и на празникот *му се дига панагија* или уште како се велело во Тетово *се служи* на празникот.

Во патријаршиското семејство Ашоски, кое ја славело славата *Св. Никола*, уште под османлиското владеење се пеела песната *Весели се куќни домаќине, весела ти куќа до амина,* и во таа прилика би се јадела *пресветаја* (колач) надробена во чанак со вино[2524]. Истото се случувало и во куќата на Ѓеро Ѓорѓевиќ, каде што се славела славата *Св. Архангел Михаил*[2525].

Дента пред празникот жените носат во црква по една или повеќе просфори или нафори, малку варена пченица во која се забодувала восочна свеќа, а кој сака, носи и по малку масло за црковните кандила. За време на вечерната служба се отчитува петтолебие општо за сите празници и се споменуваат имињата на сите живи членови на семејството или еснафот кој слави. На излегување од црквата секој земал од кршената просфора и по малку од пченицата. *Уочи слава ќе дојде попот на "кана" да "крши леб" и доаѓале најблиски на вечера а утрента гости на "послужување"*[2526].

На денот на славата домаќинот одел во црква, а домаќинката на гробишта, каде се одавало почит на мртвите од семејството. Ако семејството имало нов гроб, се носела и пченица попот да ја пречати[2527]. На самиот празник во црквата на литургијата, свештеникот уште еднаш ги споменува имињата кои вечерта ги спомнал, потоа оди во секоја куќа која празнува во неговата енорија, каде што е подготвена една просфора а по некогаш по еден домашен леб, малку пченица и една чаша домашно вино. Свештеникот кажувал неколку молитви над храната, кршел од просфората, дава на домашните и на другите. На масата во собата немало ништо, а гостите се служеле со табаки, пченица, слатко и колачи. Мајките за своите деца земале колачиња во шамивче. Останатото од просфората и домашниот леб се тура во ситото и се дели на домашните утредента пред било што да јадат.

Во куќите каде се славел именден, не се славело само името на домаќинот, туку и на домаќинката и децата. Славеникот на денот на името одел во црква. Според обичајот, се принесувала и икона на светецот која требал да ја бакне и да ја дарува. Обредот на имендените се славел исто како и за славите[2528].

[2522] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/497. Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима.
[2523] Селищев А. Полог и его болгарское население, София, 1929, 57 - 58.
[2524] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, цит. фонд, 1/497.
[2525] Истото.
[2526] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06.2006.
[2527] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит дело, 75.
[2528] Истото.

После црквата се одело на слава и именденот преку ден и први доаѓале кумовите. Недоаѓањето на слава без вистинска причина, претставувало голема навреда за оние кои го славеле именденот или славата, дури предизвикувало и прекин на комуницирањето. Со гостите седел само домаќинот, а другите од семејството стојат на нозе. На славите се седело мошне кратко, 15 до 20 минути, затоа што доаѓале многу луѓе, а и гостите имале *многу куќи*, за одење. Најблиските роднини седеле настрана за да им се даде почит на другите гости. Во приемната соба се поставувале столици на краевите од собата а се седело и на миндерите. Момите и невестите поминувале со табака во која имало чинија со *ченца*. Гостите се послужувале со една лажичка ченца, при што на домаќините им се честита славата и им се посакува многу години да ја слават. Потоа, самата домаќинка ги нудела ракија или вино со чашки, а нудела и слатки. На масата имало вазна со цвеќе и ретко имало нешто за јадење. Со табаката се нудело до три пати. Тие што пиеле ракија им се нуделе сирење или туршија за мезе или висмајнца а виното се дотурало со земјен бокал. Штом ќе дојдат нови гости а нема место за седење, веднаш станувале оние кои најрано дошле и им отстапуваат место на новодојдените. Најдоцна останувале другарите на младите во куќата, па се пееле песни.

Еснавски слави. Еснафите имале свои светци како заштитници на занаетот. Во очи на денот на славата, членовите на еснафот оделе во домот на кумот за таа година. Таму со музика и веселба се *шарала ченцата*. Тоа значело дека на изготвената пченица се правеле шари со форми на производите на еснафот, на пример ако занаетчиите се колари, на пченицата се правела шара во форма на колско тркало, на абациите им се правела во форма на елече, на меанциите – форма на грозд, на столарите врата и сл. Овие шари во Тетово најчесто од шеќер ги изработувал Симо Бојациј[2529]. Утредента на денот на славата, еснафот одел во црква со ченцата и панаѓијата (славски колач) и после црковната процесија, на светецот – заштитник на еснафот се чати ченцата и се служи со лажица. Во црквата ќе се јави новиот кум кој претходно се договорил со членовите на еснафот. Повторно со музика низ градот, поворката одела кај новиот кум, каде што се честела со ракија и мезе и се веселела до пладне и го прославувале нивниот ден на занаетот[2530]. Кон крајот на триесеттите години, кумот ги честел своите колеги во некоја од тетовските кафеани.

Еве еден од повиците за една еснавска слава во Тетово, преку локалниот весник: *Св. Илија, слава на пекарите. Режењето на славскиот колач ќе се изврши во црквата Св. Никола. Честитањето и послужувањето ќе биде во кафеаната на Бошњаковци. Домаќин на славата за таа година ќе биде Блаже Лазиќ*[2531].

[2529] Драго Симовски . . . цит. извор, 26. 12. 2007.
[2530] Истото, 07. 12. 2005.
[2531] Глас Полога, Тетово, бр. 175, 01. 08. 1936, 4.

Религијата во училиштата. Религијата во училиштата била со доминантно влијание. Уште со појавата на првите ќелијни училишта, свештениците биле првите учители. Религијата во наставата доминирала, но таа била присутна и вон наставната програма. Иако граѓанските училишта во првата половина на 20. век, добиле своја модерна европска концепција на образованието, сепак еден од предметите кои се учеле била веронауката. Училиштата со свои пригодни програми ги славеле верските празници. Учениците дури морале да ги почитуваат и постовите, за да заедно со наставниците на крајот од постовите се причестувале[2532]. *Денеска во нашите цркви извршено е причествување на сите ученици и ученички од основните училишта, гимназијата, земјоделското и работничкото училиште. После причестувањето на учениците се причести и голем број на граѓани*[2533].

Аџилак. Аџиите во Тетово, особено во 19. век меѓу христијаните биле во прилично голем број и биле многу почитувани. Тоа зборува за односот на Македонците кон православната религија, но и за нивниот социјален и економски статус. Таквата тенденција продолжила и во 20. век, но била прилично стопирана со војните, востанијата, промената на границите и економските кризи. Што значело да се оди на аџилок во тоа време зборува примерот на семејството на Драго Симовски Драгулинка: *Прадедо мој биу Јован Бојаџија. Он имал пет сина и една ќерка. Синојте му биле Гаљо, Тома, Димо, Аџи Марко (Жаб'рдак), дедо ми Аџи Симо и Блаже, а ќерката Мара. На татко ми, татко, Симо бил аџија а и неговата жена, баба ми Ана била аџиица. Ти кажуем за нега историјава, она отишла на аџилок на 5 години. Тиа од овде зеле вреќе козинлии. У Солун се качиле на ѓемије со платна, а на копно тамо со камиле. Тогај немало хотели. Тамо ишле на свите ридои и црквичиња, на нивните празници ги посетуеле. Тоа све траело една година, тоа било вистински аџилак. Тиа за по пут зеле две вреќе брашно,(100 оки ченкарно и 100 оки пченично) пастрме (две мрше), 50 ока биено сирење, 100 оки гра за постои и др. А тамо користеле маслинќе. Ги береле, ка овде ѓанариќе, а од гранќете се грееле. Од голушќете, кои биле округли ги наденуеле и праеле бројаници за рисјани. Га прашуем баба ми:добро бе бабо и шо виде ти тамо? – А бе за Велигден вратете од црквата на поуноќ се отвараја сами!*[2534]

Ова раскажување потврдува дека аџилакот кој траел една година барал вложување на големи финансиски средства и изложување на големи ризици, но побогатите тетовчани не ги жалеле ни парите ни времето и жртвите бидејќи со тоа покажувале дека се верни на христијанството, а во градот се стекнувале со голем углед и престиж. Затоа истите биле свечено испраќани и исто така пречекувани. Сите тие на своето име ја додавале титулата -хаџи, па дури и нивните деца оваа титула јанаследувале во презимето. Доколку и тие биле на аџилак,

[2532] Нада Симјанова, цит извор; Драго Симовски, цит. извор.
[2533] Глас Полога, Тетово, Причестување во Тетово, бр. 103, 16. 03. 1935, 3.
[2534] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 08. 2006.

тогаш титулата ја ставале и пред името и пред презимето, на пример Хаџи Марко Хаџи Стојанов.

Религијата во животот на Македонците во Тетово, од секоја нова власт била употребувана и за пропагандистички цели со цел да се всади меѓу народот туѓо национално чувство. Тоа предизвикало тешки последици како што се: поделба на Македонците во Тетово по семејства и нивна припадност на различни цркви, нарушени меѓучовечки односи, раздор внатре во самите семејства до степен на физичка ликвидација. Поделбата се случувала внатре во македонските и влашките семејства кои се поделиле на егзархисти и патриаршисти. Носителите на таквите семејства се нарекувале себеси како Срби или Бугари, а едни на други не им го признавале тоа, па за другите велеле дека се бугараши или србомани, а мошне често се нарекувале со погрдни имиња. Најголемиот дел од семејствата кои морале во некоја од црквите да ги вршат своите религиски обреди не чувствувале дека имаат некаква национална, туку повеќе, како што еден српски дипломат вели, партиска припадност и се служеле со термините српска или бугарска партија. Чувството дека не припаѓаат ниту на едните ниту на другите предизвикувало кај нив лесна промена на црковната припадност. Отпорот кон нив отпрвин не бил голем но откако почнале да се чувствуваат последиците, подршката за обновување на Охридската архиепископија добивала се повеќе приврзеници. Туѓите пропаганди кои фрлале големи пари за придобивање на свешетениците и учителите во својата тајна или службена кореспонденција, како и на јавните настапи се негирале една со друга. Македонците најпрвин давале пасивен неорганизиран отпор за да кон крајот на 19. и почетокот на 20. век прераснал во организиран.

Во првата половина на 20. век, свештенството во градот според потеклото биле од Тетово но и од други средини од Македонија, Србија и Црна Гора[2535].

6.6 ЛИЧНИ ИМИЊА, КОМУНИКАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Имињата на Македонците во Тетово биле според традиционалните православни и македонски корени. Во матичните книги и домовници, кои ни се на располагање, од кои најстарите од нив се од крајот на 19. и почетокот на 20. век ни даваат податоци за видот на имињата како и промените во традициите зависно од политичките и културните влијанија кои се случувале низ периодот кој е предмет на ова истражување. Сепак, за докажување на континуитетот на имињата, голем број на имиња наоѓаме на многубројните надгробни плочи на кои има епитафи или само изгравирани имиња уште од крајот на 18. век како и турските пописни дефтери уште од 15. па се до 19. век. Најстарите докази за имињата на тетовчаните се

[2535] Еве некои од свештениците во Тетово: Андро Симчевиќ, Бошко Николиќ, Диме Саров, Дајле Лаврентијевиќ, Владимир Атанасковиќ, Андреја Јовановиќ, Михаило Угриновиќ, Андреја Симчевиќ, Петар Атанасковииќ Попетре и мн. други.

наоѓаат во имотно-правните и судки документи од средниот век. Традицијата на македонските имиња најмногу се одржувала со обичајот името на внукот па дури и на внуката да биде исто како на дедото и бабата, а презимињата според имињата на прадедото или дедото.

Според истражувањата на Селишчев[2536], основни месни патронимски форми во Полог завршувале на *–ин*, *-ски*, *-ов*, *-ев*, и *-иќ*. На ова треба да додадеме дека во сочуваните документи од средината на 19. век тетовчаните се потпишувале и со презимиња без горенаведените наставки. Тоа се гледа и од една молба на група тетовчани до скопскиот владика Пајсиј од 1868 година на која се потпишале како: *Јоан Маринко, Алекса Х. Димо, Паун Веселин, Симо Тодор, Димитрија Тернев, Симо Ристовиќ, Младен Трапче, Димитрија Богдановиќ, Никола Коте, Симо Нешо, Јован Томо, Михаил Поп Ѓорѓиовиќ, Аџи исаија Попаковиќ, Аџи Серафим, Аџи Паун, Јаков аџи Паун, Миле Бошњак, Илија Деспотов* и др.[2537]

До драстично менување на оваа традиција доаѓа кога овој дел на Македонија потдпаднал под српска, бугарска и албанска власт, кога по сила на законот и тогашните режими, без оглед на националната припадност, сите презимиња речиси без исклучок, добивале форми на *-иќ*, *-ов* или *-и*[2538].

Но во традицијата на народот, семејствата во Тетово се нарекувале според презимињата и прекарите. Презимињата што завршувале на *-ски,* кои по Втората светска војна во најголем дел биле прифатени од Македонците во градот, ги среќаваме низ различни документи. Во трговските тефтери од дваесетите години на 20. век, во тетовскиот архив се среќаваат примери како *Аврамица Мирческа, Анѓелица Дрецоска, Бојојца сестра Ѓеројч. Цанцалоски, Аџо Дупески, Анојца Топекоска, Ката Ѓурческа* и сл.[2539].Радивоје Богојевиќ, кога го цитира едно од постарите тетовски семејства како се нарекувало во 19. и почетокот на 20. век, во својот труд го напишал како *Ашоски*[2540]. За познатиот сенатор од Тетово, Васа Богојевиќ, роден 1860, во весникот *Глас Пологa* во 1937 година се вели дека е син на Петар Богојевиќ (со потекло од Призрен) и Марија *Стаматовска*[2541]. Зарија Петрев Ѓорев во својот тефтер на давачки, многу ретко употребува презиме за именување на луѓето со кои работел, но кога тоа го правел за неговите сограѓани Македонци, ја употребува формата-*ски*. Така за 1898

[2536] М. А. Селищев,Полог . . . цит. дело, 394.
[2537] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 245.
[2538] Со службената промена на презимињата во почетокот на Втората светска војна, сите граѓани на Тетово, без оглед на националност од суфиксот -иќ им се променети со суфиксот -и, па така дошло до интересна игра на зборови, каде што извесни презимиња добиле значење на некакво дејствие. На фирмите во чаршијата можело да се прочитаат вакви примери: Андро Чади, Нофо Дими, Иљо Кочи, Форе Ради и сл.
[2539] ДАРМ, Одделение Тетово, Настас Крстиќ, трговски тефтери.
[2540] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/497. Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима
[2541] Глас Пологa, Тетово, бр. 239, 23. 10. 1937, 2.

година го споменува *Димчета Аврамоски*[2542]. Во сарафските тефтери на Ѓорѓи Стојчевиќ Бојациевски се среќаваат презимињата: *Гашо Димев Чифут Миаилчески од* Тетово, *Ристо и Наум Ѓорѓини Ристоски* од Старо Село, *Михаил Сибинов Јанкулковски* од Беловиште, и др[2543].

Во трговските тефтери на магазата за басми на Крсто Спириќ, уште пред Балканските војни, меѓу другите се запишани следните имиња и презимиња: *Анојца Топенкоска, Аврамица Мирческа*[2544], *Аџо Дупески, Бојојца сестра Ѓеројч. Цанцалески,Ката Мирческа,Ката Ѓурческа и т.н.*Речиси сите Галичани кои живееле во Тетово се презивале со суфиксот – *ски.*, на пример: Лазар *Личеноски*, Томо *Гиноски*, Кузман *Цубалевски,*Иван *Лепчевски* и др. Фотографот Ѓорѓе Малински, со потекло од Куманово, тетовски зет, на печатот од својата фирма пишува *Фотограф Ѓорѓе Малински - Тетово.*

Слично било и со Пожаранците во градот. Во писмото од 1887 година попот Михо Пандилов до своите роднини пишува: *Ас Михо Чолески праќам една мечидија бела за Панеица Јаноска, да му служеш леќурдија сега имала година . . .од Спира Силјанов Чолески март 28 1887 год.*[2545]

Авторот со иницијали Б. А. кој го напишал хумористичкиот прозен текст под наслов *Како расте лажгата во Тетово*, во 1938 година на македонски народен јазик, презимето на главните јунаци е *Стаматовски.* Во семинарскиот труд на тетовчанката Горица Аврамовиќ на Филозофскиот факултет во Скопје од 30-тите години на 20. век, на тема *Цинцарите во Тетово*, презимињата на тетовските влашки семејства, кои во тој период биле претопени во доминантното македонско население, ги напишала онака како се изговарале во Тетово меѓу граѓаните, а не со формата на -иќ, како што во тој период службено се воделе во државните органи. Па така во набројувањето на некои од тие семејства ги наведува како: *Чакрески (фамилија Чокреска), Тофофски, Тиреф, Наумчеф, Крсто Аџи Анѓелев, Хаџи Мически, Хаџи Миче Митрушев, Младен Митрушов,* или без наставки како *Јован Бучко*, *Симо Митруш, Ристо Принц, Никола Топау* и други, но никаде не ги наведува со формата -иќ.Меѓу македонските доброволци во Првата балканска војна, најголемиот број на презимињата на тетовчани завршувале на -ов, но сепак и таму се среќаваат некои како на Душан Паталеувски и Христо Григоров Паталевски[2546]. Драго Симоски Драгулинка се сеќава дека кога бил дете во дваесеттите години на 20. век, кога неговата баба го испраќала кај некои семејства таа му велела, а така се говорело во сите тетовски семејства: *иди кеј Момироски,Мартиноски, Аџи*

[2542] ДАРМ, Одд. Тетово,ф. бр. 766, *Зарија Петрев Ѓорев,* Тетово, (1897 - 1920), 37.
[2543] Истото, Мира Бојациевска, сарафски тефтери од Ѓорѓе Стојчевиќ Бојациевски, тефтер од 1908 – 1916, 61, ; Истото, тефтер од 1912 – 1920, 114, 142.
[2544] Се однесува на мајката на познатиот тетовски спортист и педагог Џоне Аврамовски.
[2545] ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 736, Ристо Брезјанин , лекар, АК – 1.
[2546] Архивни Справочници, Главно управление на архивите при министерския сьвет, Македоно-одринското опьлчение 1912 - 1913, личен сьстав, второ издание, София, 2007, 541.

Ѓорчески, Гоговски и додава *затоа когај се ослободивмо, презимињата ги прифативмо со задоволство на –ски*[2547].

Ако се однесува на прекарот на семејството, тогаш тие се нарекуваат со наставката –ци, на пр. Чанаковци, Мачуровци, Чајковци, Пишмановци, Ченковци и сл.

Кога презимето во Тетово завршувало со суфиксот –ин, тогаш тоа се употребувало, најчесто кога требало човекот да се идентификува по мајка, или деца кои останале под одредени околности без татко: *Јанче Савин, Миле Марин, Јоше Ќупче Бојанин,Мара Русина, Јован Менушин, Нофо Сунѓин*но и деца на татковци со име кое завршува со –а или –ја: *Борис Андрејчин, Глигур Ѓорѓин Ласчанец*[2548]. *Имало мнозина мужи што земале прекар по женина фамилија. Обично тоа са луѓи на кои потеклото не им било многу познато*[2549].

Мошне честа пракса била на првите новородени да им се даваат имиња на нивните дедовци и баби, а презимањата да се добиваат според имињата на прадедовците, со што се чувал споменот на претците. Поради промена на презимињата, семејствата се идентификувале најчесто преку своите семејни прекари.

Оние кои биле на аџилак, кон своето име ја додавале и придафката *Аџи* или *Хаџи.* Некои од тетовчаните кои биле на аџилак: Аџи Марко и Аџи Евда, Аџи Ољга мажена во семејството Ќетовци, Аџи Јован Апостолски, Аџи Ѓорче - фурнаџија,Аџи Трпе Симовски и т.н. Титулата *Хаџи* или *Аџи* се пренесувала и на поколенијата, со тоа што се придодавала на презимето, а презимето пак било по име на аџијата на пример: Илија Х. Симов, Спиро Х. Симов, Ангел Х. Тодоров, Симо Х. Лазов, Андреј Х. Крстев, Петре Х. Димовски, Саво Х. Симовски, Васка Х. Стојчева, Магда Х. Лазова и т.н. Доколку и таткото и синот биле на аџилак, во тој случај и пред името и пред презимето се ставал називот Хаџи. Таков е примерот со Х. Мито Х. Мисов.

Она по што тетовчаните најдобро се идентификувале било сигурно преку прекарите. Прекар на тетовски се нарекувал *лагабија*[2550]. Значењето на зборот има арапско потекло (akap - прекар)[2551]. Прекарот е знак за брзо и лесно препознавање, идентификување на припадноста на семејството и сталежот на кој припаѓале луѓето во средината на живеење. Во Тетово, доминирале неколку машки имиња и токму затоа особено овие прекари помагале за лесно

[2547] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 02. 2007.
[2548] ДАРМ, Одд. Тетово, Мира Бојаџиевска, сарафски тефтери од Ѓорѓе Стојчевиќ Бојаџиевски, тефтер од 1908 – 1916, 31; Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 07. 2006.
[2549] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2007.
[2550] Истото.
[2551] Љубица Станковска, Прекарите во Тетово, Onomastica Jugoslavica, Ljubljana, 1969,167; Според Станковска, Луѓето преку прекарите ја изразувале својата особеност, и дека во нив содржат многу елементи на нашата лексика и преку нив се чуваат дијалектни зборови кои денеска многу ретко се употребуваат или пак сосема изчезнале.

препознавање на личностите[2552]. На пример ако некого во Тетово го именувале само со името Глигур или скратено Ѓиго, тоа не значело нешто посебно, но ако на името се додаде прекарот, тогаш тоа веќе сите го препознавале. Така со ова име се среќаваат со прекари како: Ѓиго - *Ќемане*, *-Шоферот*, *-Ципа*, *-Колтук*, *-Кобилче*, *-Трафикант*, *-Србинче*, *-Шнајдерот*, *-Дуало*, *-Тупан*, *-Бостанџија*, *-Басмаџија*, *-Кацаван*, *-Окољан*, *-Гапо*, *-Белич*, *-Ќибар*, *-Желино*, *-Зафиров*, *-Максим*, *-Ситник*, *-Мабус* - *Грнчар* и др; Името Александар, скратено Сане – *-Гуле*, *-Ѓечо*, *-Масло*, *-Ќучук*, *-Арсиќ*, *-Мрсуљко*, *-Марушка*, *-Млекарот*, *-Дивкоњ*, *-Црна Мачка*, *-Јајчар*, *-Катмариќ*, *-Моше*, *-Рибарот*, *-Богданов*, *-Цанцик*, *-Штампарот*, *-Пуљпуљ*, *Ципела* и др.; Александар со скратено име Санко – *Ветер*, *-Тимосија*, *-Бинѓорч*, *-Џорг*, *-Шикла*, *-Ципа*, *-Црниот*, *-Чанак*, *-Буфко*, *- Мендуш*, *-Ќец*, *- Манџа* и др., или пак Аце *-Пишман*, *-Црво*, *-Бигур* и др.; Името Душко или Душан се среќава со прекарите: *-Шапшо*, *-Прдешко*, *-Шаутан*, *-Гуле*, *-Ветер*, *-Пиљарот*, *-Брезјанец*, *-Рокче*, *-Аџи Ѓорче*, *-Ципа*, *-Чешма*, *-Кулин*, *-Штица*, *-Мешљак*, *-Река*, *-Ципела*, *-Фидан*, *-Чесна*, *-Сојуз*, *-Џамбаз*, *-Пуљо*, *-Дембо*, *-Черенко*, *-Ќипка*, *-Таска*, *-Јешимчија* и т.н. Името Трпе или Трпко се среќавало со следните прекари: *-Лево*, *-Мишка*, *-Жабиче*, *-Јефтиноќа*, *-Тарасија*, *-Џинле*, *-Џолевиќ*, *-Ушник*, *-Гргач*, *-Мане*, *-Клисарот*, *-Дојчин*, *-Л'жго*, *-Таска*, *-Ќеќеља*, *-Мечка*, *-Свињарот*, *-Лупо*, *-Караула*, *-Требош*, *-Џони*, *-Гогов*, *-Молер*, *-Беломаче*, *-Самарџија*, *-Мандало*, *-Наланџија* и т.н. Презимињата на некои луѓе во Тетово се употребувале како еден вид прекар, односно не добивале прекар, особено ако се работи за презимиња кои во Тетово многу ретко се среќаваат, бидејќи нивното потекло не е од Тетово и Македонија. На таков начин се идентификувале Србите, Црногорците и други кои биле дојдени во градот од другите краишта на Кралството Југославија или руските емигранти и други: како што биле: *Парлиќ*, *Богојевиќ*, *Божовиќ*, *Рајчевиќ*, *Славујиќ*, *Хнида*, *Арсиќ*, *Муквас*, *Глатки*, *Штејн*, *Дабижа* и др.

Најчесто прекарите во Тетово се добивале, според занимањето, - *Берберот*, *-Думенџија*, *-Чадија*, *-Коларот*, *-Касапот*, *-Басмаџија*, *Тишлер* и т.н., според некои специфични настани кои им се случиле на луѓето, според националното или географското потекло: *-Србинче*, *-Бугаринот*, *-Арнаутчето*, *-Влаот*, *-Американлија*, *-Скендерлија*, *-Румунлија*, *-Брезјанин*, *-Лавчанец*, *-Требош* и др. или според некои карактеристики на физичкиот изглед: *-Чокаљ*, *-Окле*, *-Мачурче*, *-Буза* и т.н.[2553] Од гледиште на семантиката, според филологот Љубица Станковска, тетовските прекари се класифицираат во неколку групи[2554]: лични имиња во

[2552] Истиот извор, 16. 12. 2005 и 17. 03. 2006.
[2553] Љубица Станковска, Прекарите во Тетово . . . цит. дело
[2554] Истото, 167 - 171. Прекарите ги пренесуваме во целосна форма како што се обработени од овој автор во споменатата статија, со цел збогатување на информациите за тетовските прекари за читателите на овој труд.

функција на прекар[2555]; прекари од изменета форма на имиња и презимиња[2556]; прекари што изразуваат надворешна или внатрешна особина [2557] ; од имиња на населени места и микротопонимија[2558]; од занает, професија или навика[2559]; од имиња на животни, птици и инсекти[2560]; прекари настанати од имиња на фирми на дуќани[2561]; прекари настанати од најразлични причини[2562]; прекари настанати од некоја случка[2563]; Прекари образувани од најразлични предмети[2564] и прекари со нејасна етимологија[2565].

[2555] Истото, 167. Абаз, Бизмарк, Вичо - хипокристик од Виктор; Гандија; Ганија; Дајљо; Ѓоне; Зефс; Камбер; Манчула; Мерџан; Пито; Шабан; Шаќир; Антина; Нацко; Биљка; Дешин; Дуда; Јовка; Марта; Мартин; Сунѓин; Таска; Руда; Рудиче.

[2556] Истото. Думпа < Думба; Дунав < Дунавка; Марјан < Марјановиќ; Пантилче< Панта; Перац< Пероски; Петљак< Петре; Петрофка< Петроски.

[2557] Истото, 167 - 169. Бабиче - млад човек со лик на стара баба; Бурило - вид буре (кус и дебел човек); Грне - вид земјен сад; Дик - тур. прав; Дуало (дувало) - мев, меур; Камџик - висок човек; Крбла - вид висок сад; К'ртак - прасе; Кука - кукачка; Мали - мал; Пифче - дем. од пиш скокалец (мал човек); Ситник - ситен човек; Сукуљ - сукало (слаб и висок човек); Топуз - боздоган; Трупче - дем. од труп; Тупанче - дем. од тапан; Ќумбе - печка; Ќупче - дем. од печка; Чампаре - малечок, ситен човек; Чучук - мал човек; Џинле - џин; Џинче - дем. од џин; Шише - по раст мал човек; Штица - многу слаб човек; Абраш - човек рус со шарено бенкиче на лицето; Адембуљка - убава жена; Брчко - брчкав; Буза - усна; Бучко; Главина - глават човек; Голошија; Купус - зелка (глава шишана или ќелава); Личко - личен или убав; (убавец); Љунга - човек со израстоκ на глава; Макара - калем; М'срка - убава жена; Ќел - ќелав-ко; Ќето - ќелав; Ушник - обетка (човек со обетка); Чакар - тур. (човек со сино - зелени очи); Шаро - човек со шарени очи; Аликаз - црвено девојче; Беле - бел; Белич - бел; Зумбер - растение со црвени цветови; Кара - тур. црн; Караџа - црномурен; Циганин - човек црн; Црвенко - човек со црвено лице; Банго - шашлив; Гуша - гушест човек; Гушиче - дем. од гуша; Такара - гушест човек; Ќорнак - ќор човек; Чкуљка - чкулав, сакат човек; Врцкојца - врцковица и Фрцка од врцка (во одење многу се вртеле); Аутиколач -тур. alti - шест и тур. kolan - ремен; беспишчуљ (Беспискул) -човек што носел фес без пискул; Ќепе - вид капа; Шикла - елегантен; Шими - вид чевли; Адвокат - дрвен адвокат; Амље - тур. одмазник; Брлица - брлив; Бубуле - кроток како буба; Б'цкало - буцкало; Ганстер - гангстер; Гуле - гулав; Делидеша - тур.лично име; Дембеука - дембел; Дервиш - тур. скромен, добродушен човек; Деримачка; Дифкоњ - непристапен суров човек; Јарка - кроток човек; Кандило; Кромпир - компир (фиг. глупак); Л'жго - лажго; Љанго - лунгур (скитник) Меќик - мекуш; (мекушав човек); Минц - австриска златна монета; М'рцко - мрцкало (мрцкач); Офца - кроток човек; Патале - паталец; Пишман - тур. што се кае, што се жали; Румба - вид танц; Серсем - тур. замаен, расеан; Спипиле - спанко; Топорко - срп. кочоперко; Триштица - малоумен човек; Туфо - спанко; Ќибар - отмен, чист, изгладен човек, Цици - циција; Цпуаљкојца - од пцуе; Цунибаба - цуне (бакне); Чифут - Евреин (циција); Џичко - буцкало; Шалтан - тур. кавгаџија; Шерет - тур. итар, препреден; Шуте - шут; Шапшо тур. shapshal завеан; Демек - значи; Дрде - дрдало, дрдорко; Ѓаѓуле - по изговорот на зборот глаголица; Ѓечо - тур. geçe (прођи); Жабрдак - извик жаб - жаб; Загбрица - дрдорко; Препре - преправа (во зборувањето); Прпр - од прпори; Пуљпуљ - извик пуљ-пуљ; Ритка - од рито<Ристо; Сесра - сестра; Рикало - човек со силен глас; Шушле - шушка

[2558] Истото, 169 - 170. Африка; Брезјанин; Јогун - Јогуновце; Лешко - Лешок; Непроштенци; Пореч; Стамбоулија, Требош; Шипка - Шипковица; Ѓупе - според една месност покрај селото Једоарце; Јурија - според една месност во синорот на Тетово.

[2559] Истото, 170. Алач тур. дрндар; Баба - бабица; Брдар; Гоуман - голман; Грепче - гребенар; Грнчар; Качар; Качарка; Коучар; Органџија; Патрик - патријарх; Посланик - пратеник; Раќицијa; Раќо - ракицијa; Ренто - рентиер; Рибар; Свињар; Скаут - извидник; Тиквар; Фурнаџија; Џамбаз - тур трговец со коњи; Шеќерџија.

[2560] Истото, Битанго - тур. бит. вошка; Буфко - ут; Врапче; Гугувче; Гуштер; Жаба; Жабиче; Жуже - жужел; Кобиуче; Кокарче, Коњ; Кучкар; Мачкарка; Мачур; М'скар; Сичан - тур. глушец; Смок; Шатка; Штурец.

[2561] Истото, 171. Бомбај; Јефтиноќа.

[2562] Истото. Бекче - бег; Газдиче; Дрецко; Опан; Принц; Сребрендирек; Фукара; - тур. сиромав;

[2563] Истото, 170 - 171. Батлак - батак (по семеен спомен некој од старите луѓе паднал во батак); Бибиче од извикот би-би; Ветер - според болеста црвен ветер; Јагуре - јагурина, јагурида; Јарма - дрво за

Жените во Тетово во 19. и почетокот на 20. век, се нарекувале според имињата на нивните сопрузи со суфиксот – *ејца, -ојца*: Столејца, Драгојца, Савејца, Рафејца и т.н. *Било голема срамота на жена да се обраќа со име, туку исклучиво по името на мажот, на пример Јошејца, Томејца, Коцејца . . .*[2566]. Но во трговските тефтери жените во Тетово, покрај споменатото именување, биле запишувани со своето лично име на кое се додава името на мажот со суфиксите *–ва* и *–чина*, на пример: *Божана Филипојчина, Гајта Ристојчина, Менча Спирова* и др.Жените на српските чиновници, учители, ги нарекувале според презимето на пр. *Парлиќка, Катмариќка* и сл. Со еманципацијата на жената во дваесеттите години и нејзината активност во женските друштва, хоровите, игранките и т.н., идентификувањето на жените добива нов облик со сопственото име и семејниот прекар или прекарот на сопругот: *Гора Голманка, Цапа Ветерка, Вера Перацка, Вера Тантојца, Ленка Шабанка, Љуба Јокара, Перса Тупанка, Петра Џинлејца, Бора Џагулка, Даница Воденчарка, Нада Окољанка, Сава Чваркојца, Панда Шеменкојца* а во одредени случаи жените започнале да добиваат лични прекари според некои лични карактеристики: *Слоботка Адембуљка, Вера Локна, Ленка М'срка,* и т.н.[2567]

Статусната разлика меѓу граѓаните се одразувала на секојдневното обраќање. Во периодот под османлиската власт, секој христијанин бил должен да се поздравува на муслиманите со наклон или со темане, при што требал да ги изговори зборовите - *многу ти години ага*, со што се покажувал потчинетиот статус на христијаните во однос на муслиманите. Оваа состојба прилично се изменила во годините пред Илинденското востание, каде што и самите власти барале од муслиманите да се однесуваат внимателно и не толку надмено кон христијаните во градот[2568]. Сиромашните христијани исто така требало да покажат уважување кон богатите сограѓани - христијани. Во описот на карактерот на еден тетовски чорбаџија од крајот на 19. и почетокот на 20. век со име Аџи Серафил, Тодор Геров го опишал неговото однесување кога седел на клупа пред својата куќа во време кога сите се враќале од својата работа и го поздравувале: *Сите се редат пред очите на аџијата и смирено го поздравуваат со „добро вечер".*

цепење; Колибаба; Лизгар - од лизга; Паликуќа; Прдешко - прдло; Прцко; Сампиљ - само пиле (единче); Сисалка - од цица (дете што цицало до 5-6 години); Смрчко - од шмрчка; Трска - поради тоа што пиел со трска вино од бочва).

[2564] Истото, 171. Виолина; Кубур; Магаза; Мандаука - тур. мандало; Пајанда - тур. потпорна греда; Реза - резе; Рокче - рог; Сапунка; Ќемане - тур. виолина; Ќец - комарџија; Ќиќирик; Ќукле; Фаша - вид кожа за опинци; Циментo; Чанак; Чардачејца - од чардак; Черенко - тур. таван; Чукаљка - трескалка.

[2565] Истото, 171. Бутика, Гапо, Гаџо, Гуљгуљ, Грваука, Данкула, Дембо, Диш, Дрнц, Зрзо, Зузу, Јокара, Ласман, Липиско, Мичиљ, Окољан, Патера, Прендо, Рожник, Тала, Танто, Тингар, Томпуљ, Туљо, Ќензо, Ќиќиш, Цафуре, Цинго, Чадија, Чинкач, Џагула, Џипела, Џира, Шапе, Шашивар, Шеменко, Штакле.

[2566] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006.

[2567] Цепа Јовановска (1926 – 2008), пензионерка од Скопје, изјава 16. 10. 1999, лична архива, Б.С.

[2568] Љубен Лапе, Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје, 1954.

- *„Дал Бог добро", одговарал тој со повисок глас кога ќе помине некој подобар трговец, по што се поткашлувал после него.*

Сосема тивко одговараше на занаетчиската класа, како само малку да ја потклатуваше главата во знак на одобрение. А кога минуваше некој сиромашен, изморен од полската работа, дрипав, бос и со торба на рамо, тогаш аџијата не погледнуваше кон него, како да беше зафатен - или го тресе правот од својот ракав или си го чисти цигарето со сламка. Сиромашниот погледнуваше кон него со страв, нешто нејасно ќе промрмореше и си поминуваше без да биде удостоен со одговор.

Поздравувањето во чаршијата се разликувало од она во куќите. Така во перидот на турското владеење па се до почетокот на 30 –тите години на 20. век, мажите низ градот и чаршијата се поздравувале претежно со турскиот поздрав *мераба*. Според Драго Симовски Драгулинка и Форе Меновски Млекарот, поздравувањето меѓу еснафот е всушност официјалниот јазик на чаршијата, каде што занаетчиите од различни етникуми (Македонци, Турци, Албанци, Власи и др.) комуницирале на единствениот деловен јазик кој ги правел нивните меѓусебни односи и комуникација многу полесни.

Кон крајот на 20-тите години на 20. век, новата генерација на млади луѓе, предводени од гимнастичарите -*соколи*, кои учествувале на големите соколски смотри во Чехословачка, го носат во Тетово, широкораспространетиот поздрав меѓу словенските народи, на движењето на Масарик, *здраво*. Овој поздрав мошне бргу се одомаќил во македонската тетовска средина.

Во државните и локални установи, за време на бугарската окупација во првата светска војна, се употребувало службеното поздравување на бугарски јазик, а за време на српскиот и југословенски кралски режим, на српски јазик. Без оглед на промената на режимите, поздравувањето на улица останало на македонски јазик, освен доколку некој од соговорниците е претставник на власта.

Она што останало автентично и непроменето со векови е поздравувањето кое Македонците го употребувале во своите домови, на прагот на својата куќа, во црквата, во маалата е поздравот со зборовите: *Добар ден(утро или вечер)*, а се одговарало со зборовите - *Дал бог добро*[2569].

Децата кон своите родители се обраќале со зборовите *татко* или *тато*, *мајко* или *мамо*. Бидејќи во семејствата имало чести преженувања и премажувања поради смртност од

[2569] Според искажувањата на Драго Симовски Драгулинка (1920 – 2010); Борис Ѓорчески Ципа (1915 - 2011); Покорни Славјанка (1912 – 1996) и др.

болести и војни, имало и деца од првиот, вториот па и третиот брак. Децата од првиот брак доколку биле повозрасни од 17 години на маќеата и се обраќале по нејзиното име[2570].

Во оценките на тетовчаните од разните патеписци во кои несомнено постојат субјективности, ја добиваме сепак најблиската слика на нивниот менталитет.Радивоје Богојевиќ, при своите истражувања во дваесеттите години на 20. век, анкетирајќи претежно повозрасни лица за животот во втората половина на 19. век, во менталитетот, Македонците во Тетово тој ги окарактеризирал како едни од *природно најинтелигентните во татковината*, мислејќи на тогашното Кралство на СХС. Според него, *населението е скромно и тивко според надворешноста, но полно со душевен живот; доста завидлив, многу сожалителен и необично гостопримлив. Нивната побожност, како и на сите Македонци, допира до фанатизам, а моралот бил на највисок степен. Семејниот живот им е совршено патријахален*[2571].

Повеќето од авторите кои го истражувале Тетово, се согласуваат дека во менталитетот на Македонците од овој град силно влијание имаат влашките семејства кои до крајот на 19. век веќе биле претопени со Македонците[2572].Ѓорче Петров при крајот на 19. век на ваков начин го опишува карактерот на тетовчаните: *Тетовските домаќинства настанати со мешањето на Власите и Македонците со текот на времето добиле посебни етничко - психолошки особености. Се одликуваат со духовна еластичност бидејќи морале да се прилагодуваат на локалните услови. Главно се мирни, тивки и речиси нечујни. Брзо примаат нови придобивки и др. Овие семејства како што можев да забележам водат угоден и човечен својствен живот, што секако е наследено од предците.*

Во животот, карактерот и обичаите Тетовчаните се народ на минатото. Страсно приврзени кон безперспективниот живот, тие живеат мирно безшумно, задоволни со малку, не се жалат на горчините и неправдите на опстојувањето не оставаат место во срцето и не плаќаат никаков данок на оние бујни чувства и крилести мисли, кој го поттикнуваат човекот да го скине јаремот на темнината и да ги рашири крилата во свежиот и светол воздух! Тетовчаните се занимаваат со своите прости занаети се по тој пат по кои одеа нивните дедовци пред илјада години. Оваа карактеристика за Тетово важи за сите градови, во Скопско, вклучувајќи го и самото Скопје. Само што по другите места има по некои куќи што се излезени од закоравената првобитност, а тука ништо подобно не се среќава. Впрочем многу тетовчани кога одат на печалба во туѓи држави и се среќаваат со многу народи, ги

[2570] Драго Симовски . . . 18. 12. 2006.
[2571] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 323, Филозофски факултет, Скопје, АК - 42, 1/1617. (Радивоје Богојевиќ, Тетовски дијалект).
[2572] Истото, 1/1615; Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по изучуванието на Македония, София, 1896, 423.

гледаат нивните однесувања и обичаи, и при сето тоа не се подготвени да набљудуваат и да се учат . . .[2573]

Но во истата книга, Ѓорче Петров индиректно дава одговор на тоа зошто тетовчаните имале таков менталитет: *Ниедно место не е така оптоварено со даноци и никаде народот не трпи толку насилство колку во Тетово* и со фактот дека *тетовската околија е прошарена со непристапни планини, лишени од патни врски, населени со диви Арнаути, кои за црвен фес убиваат човек . . .*[2574]

Андреа Стојанов во своите обемни статии во цариградскиот весник Новини[2575], во почетокот на деведесеттите години на 19. век, ги фали тетовчаните за нивната голема традиција за школување на своите деца, но бара од нив тоа да биде уште помасовно, ги фали за подигнатиот стандард на куќите и облекувањето, но ги критикува за прескапата носија, која ги оптоварува средните и посиромашни слоеви. Ги фали тетовчаните за нивната посветеност кон верата а ги критикува за обичаите во кои се трошат големи пари за непотребната храна за помените на мртвите. Ги фали за нивната голема финансиска подршка на манастирите а ги критикува зошто истото тоа не го прават и за црквите во градот.

6.7 БОГАТИ И СИРОМАШНИ СЕМЕЈСТВА

Рускиот конзул Јастребов во 70-тите години на 19 век, Тетово го гледа како град со трговци и занаетчии и дека во него нема богати, но нема и сиромаси[2576]. Според пишувањата на Андреа Стојанов, во последната деценија на 19. век, населението на Тетово било раслоено на разни социјални категории: *покрај богатите, во Тетово има многу сиромаси и многу вдовици со по 3-4 деца, кои не можат ниту да ги наранат, ниту да ги стоплат, ниту да ги облечат, но тие не одат од врата на врата, не одат да јадат и пијат на гробишта, зошто име е срам да просат милостиња*[2577].

Сепак, општата финансиска состојба на тетовските семејства била мошне подобра во времето на владеењето на Османлиското царство, од проста причина што Тетово во тој период развило силна трговија со многу делови од ова царство, кои после Балканските војни биле поделени на повеќе држави. На тој начин традиционалните пазари меѓу кои најмногу со Солун, Цариград и градовите во јужна Албанија и Скадар на север од оваа држава. за тетовчаните

[2573] Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по . . . цит. дело, 425.
[2574] Истото, 426.
[2575] Андрей Стояновь, Бѣлѣшки по моето пѫтување изъ Тетовско, Новини, Цариградъ, I – III, (1891 – 1892), 1891: бр. 24, 25, 34, 36, 38-40, 46, 48, 51; II, 1891: бр.12, 13, 16-18, 21, 22, 27-28; 1892: 30, 55, 57, 60, 62,; III; 1892 бр. 6, 12.
[2576] И. С. Ястребовъ, Стара Сербіа и Албаніа, Споменик, Српска Краљевска академија, Београд, 1904, 119.
[2577] Ристо Поплазаров, Некои интересни податоци за Тетовско, IV научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби,, Тетово - 1978, 156 - 157.

биле засекогаш прекинати. Од друга страна, производите на тетовчани биле сосема неатрактивни и неконкурентни за просторите на Кралството СХС, северно од Македонија. Освен тоа, градот претрпел економски штети и за време на двете Балкански и двете Светски војни[2578].

Населението во Тетово главно се дели на 5 категории: најбројни се занаетчиите кои се носители на стопанскиот живот. Сепак меѓу нив помал е бројот на оние кои биле добростоечки. Следна категорија се трговците и менувачите - сарафи, кои биле побогат слој. Државните службеници, воените и полициски старешини и професорите биле со солидни плати за живот, но повеќето од нив не биле од Тетово и Македонија. Овој слој на граѓанството важеле за добри потрошувачи. Четвртата категорија биле оние граѓани кои се занимавале со земјоделието и тоа: бавчованции, земјоделци и сточари. Оваа категорија на граѓани не била бројна, но не била загрозена колку занаетчиите. Петтата категорија биле оние граѓани кои не располагале со никаков капитал и живееле како општи работници (аргати) или надничари. Тие најчесто живееле во периферните делови на градот во тешки субстандардни услови.

Во првата деценија на 20. век, се уште најбогатите тетовчани биле припадници на Муслиманите. Меѓу најбогатите христијани во градот се сметале оние кои располагале капитал од околу половина милион тогашни српски динари, а такви во Тетово биле малку. Инаку за богаташ се сметал секој кој располагал со капитал од 100 - 200.000 динари. Средниот сталеж во Тетово го сочинувале оние кои имале капитал од 20 – 30.000 динари[2579].И во побогатите куќи може да почине таткото како богат човек, кога неговиот капитал ќе се подели на синовите, тие осиромашувале. До внуците не стигнала ниедна придобивка. Имало случаеви и богати тетовчани да пропаднат и многу да осиромашат.

Во османлискиот период, живеалиштата на најбогатите и најубави куќи биле резервирани за муслиманите поголемо разграничување на живеалиштата меѓу богатите и соромашните Македонци во градот не постоеле, иако таква тенденција била присутна. Може да се каже дека поимотните биле повеќе концентрирани во централниот дел на христијанскиот дел на градот, и денешната улица *Гоце Делчев* и тоа *Јајчароо маало*, околу црквата *Св. Кирил и Методиј*, на *Два Бреста*, *Долно маало* и *Певчина*. По завршувањето на војните во 1918 година, Турците ги продавале своите куќи во рамнинскиот дел каде во претходниот период не смееле ни да замислат дека можеле да живеат Македонците. Но состојбите полека се менувале. Побогатите тетовски семејства и печалбарите започнале да градат убави куќи во неокласичен европски стил, но се населувале и во убавите куќи со пространи дворови на поранешните богати турски сограѓани. Така во престижниот дел на градот, покрај реката *Пена*, каде се

[2578] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски . . . цит. фонд, Стојко Аѓимовиќ, Мушка грађанска ношња у Тетову, 1/1356.
[2579] Јован Хаџи Васиљевиќ, По тетовскоj . . .цит. дело, 18.

наоѓале раскошните имоти на семејството Палоши, Хаки пашиниот конак, семејството Казази и други угледни муслимански семејства, започнале да градат модерни и мошне просторни куќи и банкарот Никола Момировиќ (Никола Банка), неговиот брат адвокатот Симо Момировиќ (Симо Момироски адвокатот), банкарскиот директор Михајло Поп Серафимовиќ (Мио Поп Серов), директорот на гимназијата и пратеник Марко Петровиќ (Марко Посланик), градоначалникот Ристо Антиќ и т.н[2580]. Во периодот меѓу двете светски војни, *највлијателните* (некогашни) *тетовски семејства можеле заедно без оглед на својата вероисповед да уживаат во свежината на воздухот кој од Шар Планина се пренесувал по речната долина, да го слушаат жуборкањето на бистрата Пена и да го имаат пред себе пејсажот на величенственият шарпланински врв Коболица*[2581]. На самиот брег од реката *Пена* започнале да се градат објектите на најважните општински и државни институции: Градското поглаварство, Жандармериата и тетовската гимназија. Новопроектирани стамбени објекти се повеќе се множеле околу центарот *На Бунар*, *Саат Маалото* а од таму по тогашната улица *Краљ Петар*, (ден. *Иво Рибар Лола*).

Најсиромашните делови на градот биле со криви улици, стрмни сокачиња, без калдрма, со трошни куќи, приземни и начичкани, една над друга, од керпич, кал и дрво, чатми и со тенки ѕидови, со веранди и одајчиња од слаб материјал. Тоа се делови на градот кои се подигани без план и кои никогаш немале своја регулација. Сиромашните во Тетово живееле низ целиот град, но најголемата концентрација во маалата Колтук, Поток, Салаана и др. Но најсиромашните живееле во месноста *Даскалница. Ги гледаме на секој чекор. Тоа се луѓето од најниските слоеви на општествениот живот. Немаат никаде ништо. Гладни со испиено лице, облечени во валкани партали, тие одат од врата до врата, ја испружуваат својата ослабната рака и бараат милостиња. Тоа се оние луѓе кои често пати со своето благословување не вознемируваат, сите нас облечени и токму во најголемото расположение, на ручек или на некоја веселба, па тогаш не потсетуваат на онаа бедна и тажна страна на животот . . . Нашите просјаци живеат претежно во овдешниот сиротински дом наречен Даскалница, под најлоши можни хигиенски услови кои можат да се замислат*[2582].

Сиромаштијата во Тетово, била доминантна кај Македонците во Османлиската држава. Но ваквата состојба траела и во триесеттите и четриесеттите години на 20. век. Според

[2580] Покрај горенабројаните, меѓу најбогатите тетовчани биле и: Ѓорѓе Јованов Лешко, неговите браќа Симо и Стеван Лешко, Мино Цветковски, Божин Лавчанец, Андреа Ѓорчевски – Ќурчија, Петар Карајанов, Мате Симоски Ченка, Јован Даневски Даљо, Илија Герасимовски Мачурче, Стевче Х. Наумовски, Зарија Петров Пожаранец, Васо Ристоски, Михајло Богоевски, Миле Мумција, Драго Грнчар, Спиро Х. Ристиќ, Серо Грнчар, Дафит Богоевски, Александар Јовановски - Сане Јајчар, Петре Цинле, Серо Ристов, Александар Парлиќ, Татеос Кандикјан, Васа Богојевиќ, Стојадин Димитриевски (Столе Ренто) и др.

[2581] Александар Санко Серафимовски (1923 – 2003), пензионер од Скопје, син на Михајло Поп Серафимовски кои живееле во новата семејна куќа во овој дел на градот.

[2582] Глас Полога, Тетово, бр. 159 и 160, 11 и 18. 1936, 4.

критериумите за сиромаштијата во 1936 година во Тетово имало 6000 сиромашни луѓе, што значи една третина од вкупното население. Оваа бројка се однесува на сите граѓани[2583].

Додека на едната страна гола и неисхранета сиромаштија чмае и тажно ги брои деновите на својот живот, станувајќи нераздвоен другар на разните социјални болести, на другата страна се беснее, се ори песна и се вознемируваат духовите до бес и (помама). Ова е најнекорисната парадоксална појава на Тетово, која за жал се одигрува на самите улици. . . . Она што паѓа во очи на улицата треба да даде повод за многу размислувања од кои би произлегло нешто што би извело општи интереси за сите граѓани на овој град, без оглед на сталежот, редот, богатството и сиромаштвото[2584].

Еве сеќавања за животот во едно сиромашно семејство пред Втората светска војна, кое претходно било во подобра економска состојба, но по болеста и смртта на таткото, животот за семејството станал мошне тежок: *У куќата смо добијале од село за јадење а мајка ми ќе иде на аргати. Смо биле „утепани". Смо јале малу бел леб а појќе 'ржен и ченкарен леб. Смо јаделе и мешано лепче а у лебот и кромпир смо стаале. Смо прајле чорбе од што ќе најдемо, ја касап - ќе донесем малу лепче. Мајка ми берела гра и ќе и дада гравче, пошто татко ми три години беше болен. Татко ми кој умре три д'на не смо го закопале заш смо немале паре да го погребамо па низ чаршија собравмо паре. Смо живееле свите сложно и смо се поштуеле. Тоа таќе било – век*[2585].

Покрај куќата како симбол на економскиот статус, разликата меѓу богатите и сиромашните се изразувала преку облеката. На една страна убава чиста и нова облека накитена кај мажите со сребрени или златни ќустеци, скапи џебни часовници а кај жените со скапите чинтиање над кои се низите со златници, и од друга страна парталави, неизмиени, неизбањати луѓе а на нозете некакви кожни остатоци од опинци или чевли а не ретко и без тоа. Средната класа на занаетчии кој се повеќе осиромашувала, убавите парчиња на алишта, најчесто едно одело, се чувале за свечените моменти, како што се домашната слава, *Великден*, *Божиќ* или за свадбите. Секојдневната облека се состоела од старо палто, кошула и панталони кои се збогатени со многу крпеници. Делот од пантолоните кој најчесто се кинел на задникот бил по неколку пати крпен и зајакнуван со парче текстил од други панталони и тоа било вообичаена секојдневна глетка во чаршијата. Тој додаток на пантолоните имал свое име *ѓутлок* (ѓут - тур. задник).

Разликите биле видни и во користењето на превозните седства. Најбогатите поседувале во турскиот период коњи и чези, а во периодот меѓу двете светски војни моторни возила.

[2583] Растко Пурић, Работнички . . . цит. дело, 37
[2584] Истото.
[2585] Александар Велјановски . . . цит. извор, 04. 10. 2006.

Средната класа не поседувала, но можела во ретки прилики да користи превозни средства на арабациите, пајтонциите и таксистите. Сиромашните или не користеле превозни средства или мошне ретко.

Разликите на богатите и сиромашните биле најизразени при изборот на брачен другар, но не ретко, некои од тетовските чорбации имале мошне суров однос во секојдневното комуницирање со сиромасите.

6.8 МААЛСКИ ЖИВОТ

Во османлискиот период, строгите правила на шеријатството ги диктирале и правилата на однесувањето во секојдневниот живот, не само на припадниците на владеачката религија, муслиманите, туку и на христијанското население. Во едни такви околности, дружењето меѓу Македонците, создало свои посебни форми во ограничен простор и време, во еден свој свет, скриен подалеку од очите на владетелите.

Но во тој заграден свет со високи огради, комшиските куќи биле сите меѓу себе поврзани со капицици (мали дрвени вратичиња) низ кои слободно се движеле децата и жените. *Никоја куќа клуч не стаала, а куќете маалото ги чуало. Ќе ида нашите и на комшиете ќе им реча, па загледуајте малу. Било теклисас - слободно*[2586]. Тоа подразбирало дека децата играле не подалеку од своето маало и својот двор. Се играле игрите *челик, со ореви, нека бие - нека бие, со копчиња, јаже, петкамци, шуга на тебе, магаре или јавање, топка* (фудбал со топки партали - се шиеле од четири платнени парчиња во вид на тријаголник, кои кога ќе се споеле, давале облик на топка која се полнела со партали)и други игри.

Комуникацијата меѓу комшиите била секојдневна и интензивна. Слободата на комуникација во тие рамки била речиси како, комуникација и однесување во склопот на едно семејство. Блиските комшии влегувале во куќата без најава. *Од комшиете ќе влезе у куќа жена, ќе земе нешто и ќе рече: ти зедов кафе – на пример.* Меѓусебните услуги биле секојдневие. И во тие услуги имало некој непишан ред. Доколку некој поседувал некаков сад, кој комшиите го немале, било срамота да се одбијат за услуга. На пример, ако имале каменен сад со дибек за мелење кафе, откако ќе се измеле кафето на комшијата, тој оставал *уjем* – еден финџал сомелено кафе, или ако некој пече ракија кај комшијата, му оставал уjем – едно шише ракија. Доколку има гроздобер, берат кај комшиите и оние кои немаат свое лозје. На нив секогаш им следи ручек и една корпа со грозје[2587].

Навечер жените седнувале пред оградата од куќите на сокаче со столче и ќе озборувале или како што во Тетово се коментирало за таа навика: *ќе стаа на кусо маче опавче.*

[2586] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06.2006.
[2587] Истото.

Децата во периодот меѓу двете светски војни, за разлика од претходните периоди слободно играле по улиците и сокаците на македонските маала, а поради многудетноста во семејствата, се чувствувала голема живост и жагор низ маалата.Низ маалата,како низ чаршијата поминувале, бозации со бакарен ѓугум и плехана чаша и нуделе *боза* за освежување, а лавчаните, на сличен начин продавале *муќејница*.Малскиот фурнација, берберот и бакалот биле најинформираните луѓе за тоа што се случувало во маалото и градот. Мажите, новостите ги дознавале и во чаршијата каде што мошне брзо вестите се пренесувале. По доаѓањето во своите домови, дел од тие новости, кои често преоѓале во озборувања се пренесувале во домовите, а следниот ден истите добивале нови верзии низ маалото. Очите на соседите секогаш будно набљудувале, осудувале секаков испад надвор од традиционалните правила на однесување, но постоела и злонамера и завист.

6.9 ГРАЃАНСКА СОЛИДАРНОСТ И ХУМАНОСТ

Една од народните институции, кои ги создала тетовската чаршија т.н. институција *Табаката.* Имено, *табаката* се користела при закопнина, болест, свадба, потоа собирање на средства за црква, за Лешочкиот манастир, за фудбалскиот клуб *Љуботен* и т.н. Не е познато од кога институцијата *табаката* постои, но се знае дека таа се употребувала во 19. век. Кога се јавувала потреба за собирање помош за некое семејство или личност, еден до двајца угледни и хумани граѓани од чаршијата на кои сите занаетчии и трговци им верувале, земале табака и поминувале низ чаршијата од дуќан во дуќан и луѓето во табаката ставале пари, кој колку имал. Ако се собирало пари за погреб, тогаш на средината на табаката се ставало мало парче памук. Доколку недостасувало уште пари во табаката за потребата за која се собирале, таа сума ја надоместувал тој што собирал пари. Долги децении таа хумана работа ја работеле доброволно членови на семејството Бошковци: Симо Бошков и неговиот син Пано. И дедото на Симо, Ѓоре, народот го нарекувал по турски Баба Ѓоре, што значи татко, поради неговата хуманост[2588]. Во еден документ од 1898 година, Митра Милошева од малото Поток, вдовица со три деца, без приход, немала свое живеалиште, пишува дека *чаршијата и благородните луѓе и собрале 180 гроша* за изградба на колиба . . . што укажува на фактот дека граѓанската солидарност на чаршијата помогнала и во ваков случај[2589]. Имено во тој период, од средствата собирани од вакви акции, изградени се поголем број на куќи - колиби во месноста *Даскалница*[2590].

[2588] Војо Бошковски . . . цит. извор, 25. 07. 2007.

[2589] ДАРМ, Скопје, ф. Бр., Црковно настојателство, Тетово, 1897 – 1912, АК – 1, 6/1.

[2590] Во оваа месност се наоѓале и куќите на тетовските учители, по што ова место го добило и своето име. Месноста Даскалница се наоѓала меѓу маалото Поток и тогашната месност, каде што биле дел од тетовските лозја, наречена Дреноец. Во тој период, оваа место било дел од тетовската јурија, каде што се напасувале овци и се чувала стока. Токму затоа во непосредна близина била и кланицата наречена Салаана. Под Даскалница, биле изградени новите тетовски православни гробишта.

Како хумани гестови со големо значење биле и завештувањата на одредени угледни тетовски семејства и поединци. Имено, дел од повлијателните православни семејства и поединци, покажувале голема приврзеност кон родниот крај и градот во кој живееле, покажувајќи на тој начин, пример како треба да се однесуваат сите оние кои имале можност да помогнат и како треба да се сака својот град. Отстапувањето на материјални и финансиски добра по својата смрт, ја покажувало високата свесност, хуманост и одговорност на одредени членови на тетовската македонска заедница во услови а на тој начин нивното дело живеело и после нив. Едно такво семејство било семејството на Штаклевци и тоа оние кои долги години биле далеку од својот град, во Ерусалим, кој во тоа време се уште припаѓал на Османлиското царство. Тие биле познати по својата хуманост, кон крајот на 19. век и првите две деценииии на 20. век, помагајќи на повеќе сиромашни семејства во градот и воедно биле едни од најголемите донатори за изградба на црковниот храм *Св. Кирил и Методиј,* но давале материјална помош и за други цркви и објекти[2591].

По преместувањето на тетовските православни гробишта од месноста *Колтук* кај црквата *Св. Никола*, во маалото *Поток*, кон крајот на првата деценија на 20. век, се јавила потреба за изградба на една капела. Оваа капела, која подоцна е осветена во црква *Св. Димитрија* ја подигнале членовите на семејството Заковци, поточно Захарие Манојловски и неговите синови Мане Закоски и Томо Закоски[2592].

Во првата деценија на 20. век, низ документарните извори среќаваме примери на завештување. Таков пример бил Серафим Петров, книговодител на тетовскиот паша, советник во Казанлискиот духовен совет кој во 1906 година, пред својата смрт завештал 40 златни наполеони, 50 турски златни лири за црквата *Св. Кирил и Методиј*, 5 лири за оградата на новите православни гробишта, 18 наполеони за сиромашните граѓани, и по 5 наполеони на училишната библиотека и градските чешми[2593].

Во тестаментот на Зарија Петрев Ѓорев Пожаранец од 1908 година пишува: *2 турски лири за чешмите подарок за душа за поправки когај ќе се расипат, 1 лира на библиотеката у чколо - за книги да купуат, 1 лира за читалиштето у чколо у клубот за книги да читат народот, 5 за у црква за да ми се запишет името мое да ми се споминат у литургија, 2 лири за чколото за деца сиромашки за книги да ги воздржават сиромасите, 2 лири сиромасите што сат у црква за алишта да им се направит и питачите, 4 лири за новата црква за икона свети михаил архангел да бидет от мене, 1 лира за параклисот на поток за подарок за куќичина што ќе се праат на сиромасите. 18 лири турески се берат.*

[2591] Л. Серафимовь, Тетовско и дъйцитъ по вжзражданието му, Пловдивь, 1900, 18.
[2592] Глас Полога, Тетово, Црква Св. Димитрија на тетовском гробљу - задужбина Заке Манојловића, 11. 11. 1938, 3.
[2593] ДАРМ, Одд. Тетово, Тетовско архиерејско намесништво, 1904, 13/1.

И во периодот меѓу двете светски војни, одредени личности се истакнувале со својата хуманост. Меѓу поистакнатите донатори на пари во Тетово биле: Стојадин Димитријевиќ, браќата Симо и Никола Момировски, Томе Серафимовски, Васа Богојевиќ и др.

По својата хуманост се истакнувал Васил Стојчевски, застапник на белградските весници во Тетово[2594]. Како еден од најхуманите луѓе во градот бил свештеникот Аврам Величковиќ, кој неуморно работел за заштита најсиромашните слоеви. Народот го паметел како голем хуманист и алтруист и го нарекувале *Поп Аврам - Сиротинска мајка*[2595].

Во градот дејствувале и хуманитарни друштва кои со своите активност придонесувале за подобрување на здравствената состојба на населението. Такви биле: *„Женското друштво", „Здружението на мајките и домаќинките", „Коло српских сестара", Социјалниот одбор за помош на сиромашните при Градското поглаварство, Православната црква, Хуманитарното друштво „Тетовска Јабука", „Српска мајка", Муслиманското хуманитарно друштво „Шефкит"* и др[2596].Од 1930 година, во Тетово е формирано хуманитарно друштво на побожни жени и мажи кое е наречено *„Православна Христијанска заедница"*, која во почетокот на 1930 година броела 110 членови[2597].

Едно од постарите друштва било *„Женското друштво"*, кое функционирало уште пред Балканските војни, односно во времето по Младотурската револуција, како Здружение на патриаршиската општина. Во 1912 година после извесна пауза на работата, Друштвото повторно функционирало под претседателство на Јелена Богојевиќ. Целта на друштвото е да работи на лично усовршување на своите членки, да ги негува и развива родољубивите чувства и да помага на сиромашните девојки со крајна цел во Друштвото да се соберат сите *српки*[2598]. Истакнати активиски на ова здружение кои се истакнале со својата хумана дејност биле Јулијана Дојчиновскаи Косара Атанасковиќ, еден од основачите на Здружението[2599].

Овие здруженија заедно со општинските власти и кампањата која се водела преку *„Глас Пологa"*, собирани се значителни средства за помош на сиромашните деца за купување на зимска облека, храна и сл[2600]. Од време на време во хуманитарните акции се придружувало и

[2594] Глас Пологa, Тетово, бр. 106, 06. 04. 1935, 4.
[2595] Истото, Обнављање управе одбора за социјалну помоћ сиротињи и незапосленима у Тетову, 21. 12. 1935, 4.
[2596] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 17 – 19; Глас Пологa, Тетово, 18. 09. 1937, 2; Глас Пологa, Тетово, Оснивање друштва „Српска мајка" у Тетову, 09. 04. 1938, 3.
[2597] Мирко Станковски, Документи за . . . цит. дело, 69.
[2598] Женско друштво у Тетову, Вардар, Скопље, 27.05.1912, 4.
[2599] Глас Пологa, Тетово, 03. 07. 1937, 3; Истото, 10. 07. 1937, 3.
[2600] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 17 – 19. Глас Пологa, Тетово, бр. 300, 24. 12. 1938, 2. Истото, Обнављање управе одбора за социјалну помоћ сиротињи и незапосленима у Тетову, 21. 12. 1935, 4. Истото, Помозите сиротињи, 27. 11. 1937, 2; Истото, Узроци људске беде, 11. 09. 1937, 4; Истото, бр. 92, 29. 12. 1934, 1, 3; Истото, 94, 12. 01. 1935, 2; Истото, бр. 95, 19. 01. 1935, 4; Истото, 97, 02. 02. 1935, 3.

Тетовското спомагателно друштво „*Шар Планина*" од Детроит, САД[2601]. Друштвото броелео 43 членови, сите со потекло од градот Тетово.

6.10 ЗДРАВСТВЕНА КУЛТУРА

Разгледувајќи ги писмените докази оставени од писателите, свештениците, патеписците, лекарите, учителите и други луѓе кои престојувале во Тетово и Тетовско во 19. век, суеверијата најмногу биле поврзани со состојбата на здравјето на луѓето[2602].

Дека состојбите од овој аспект не се промениле драстично ниту по еден век, односно на почетокот на 20. век, покажува и еден извештај на началникот на тетовскиот округ до инспекторот на полицијата на врховната команда на српската војска за општата положба во Тетовскиот округ во април 1913 година. Во делот на извештајот кој се однесува на здравјето и хигиенските навики во народот, меѓудругото стои:" Здравјето во народот, општо може да се каже дека е добро... Народот воопшто не навикнал да оди на лекар, туку за тоа се обраќал на баби, бајачки и оџи. Тоа толку е вкоренето, што особено при недостаток на лекари тешко може да се отстрани. Хигиенските навики и условите во куќите воопшто, речиси се никакви. Неопходно е потребно барем за секоја околија да се упати по еден лекар, кои би давале помош барем во случаите на зараза. . "[2603].

Голема кочница на развојот на здравството била самата држава во која имало низок степен на образование, верски ограничувања и изолацијата од европските текови. Големата сиромаштија и тешките услови на живеење придонесувале за мизерните хигиенски услови. Подобри животни услови имало во градот и тоа само меѓу поимотните граѓани. Затоа во тоа време често владееле тифусот, маларијата, туберкулозата, цревните и стомачни заболувања, гушавоста и други болести.

Единствена поволна околност е изобилството на чиста изворска вода со која се одржувала каква-таква хигиена, за што сведочи и Ами Буе кој го посетил Тетово во 1839 год[2604].

Водата, според Ѓорче Петров[2605] една од факторите за убавиот изглед на тетовчани. Тој населението од овој град при крајот на 19. век го доживеал како со *мажествена телесна градба и јуначки дух . . . Општо мажите се здрави, црвени, весели, жените јадри, здрави со бистро лице, со образи црвени како Тетовските јаболка. Тетовските убавици се први во*

[2601] К.Н. Забава са драмском претставом у организации Тетовског потпорног друштва „Шар Планина" у Детроиту, Глас Пологa, Тетово, 07. и 11. 01, 1936; Глас Пологa, Тетово, б3. 109, 27. 04. 1935, 3.
[2602] Бранислав Светозаревиќ, Народната медицина и суеверијата во Долни Полог во XIX и почетокот на XX век, Компас, Тетово, јануари 2001, 12 - 13.
[2603] Глигор Тодоровски, Српско - македонските односи во минатото, Извештај за Тетовскиот округ од 1913 година, Студентски збор, Скопје, 1987, 493.
[2604] Ami Boué, La Turquie d'Europe, III – IV, Paris, 1840.
[2605] Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по изучуванието на Македония, София, 1896. 414.

Македонија, после Стружанките, кои ги надминуваат по правилноста на цртите. Тој пишува дека во Тетово има старци и на 120 години, кои слободно се движат, дури и работаат.

Мошне критични години биле оние за време на Првата светска војна кога низ градот се проширила епидемија на пегав тифус со која биле зафатени војниците. Во 1934 година во градот се појавил Шарлах и однел неколку млади животи[2606]. Во 1936 година во градот се проширила епидемија на дизентерија (тет. Срченца).

Хигиената тетовчани ја одржувале со одење на бања. Стариот тетовски амам, кој потекнувал од почетокот на 19. век, служел за таа намена со шеесеттите години на 20. век. Се одело еднаш неделно на бања, но хигиената се одржувала и во домашните бањи, *амамџици*, како и во поголеми буриња, кои ги користеле посиромашните семејства.

Најчесто се одело на бања во саботите, како ден пред празникот недела, со *бовчи* во кои имало алишта за пресоблекување. Најчесто за носење на бовчите се плаќало на *амал*. Постоел посебен распоред за бањање за мажи и жени. Жените оделе групно со децата до 7 годишна возраст. Најпрвин во бањата се одело во топлиот базен, а после половина час се преоѓало во една од другите камени кади со купка. Во бањата дополнителна услуга имало во посебна просторија т.н. *курна*, каде масерот – *тељак* и масерката - *тељака* ги триеле и масирале муштериите[2607]. На крајот се влегува во *фаносот* – сушилница, каде на железни рамки и обрачи ставени над тагар, се сушат крпи, престилки или гаќи и кошули со кој се прекривале избањатите граѓани. Од околу се било направено од дрво[2608]. Од 1935 година, граѓаните се повеќе ги користеле тушевите на *Домот за народно здравје*, во т.н. *декерови бараки*, кои при крајот на Втората светска војна биле уништени при пожар. Ова купатило работело во саботите од 14 – 18 часот, а граѓаните плаќале 2 динари за едно капење[2609].

Перењето на облеката, се одвивала во ајатот или дворот, каде што во казани се греела вода. Покрај зовриената вода, средство за перење била и пепелта, која се шиела во едно крпче во вид на торбиче и истото се ставало во зовриената вода во коритото, што служело за белење на облеката и постелината. Некаде облеката само се ставала во превриена вода и така рачно се триела. Со текот на времето, започнува и користењето на фабрички сапуни, а во побогатите семејства, наместо домаќинките тоа го правеле домашните помошнички.

Во здравсвената култура на Македонците во Тетово, лечењето со народни лекови правени од одредени луѓе, односно народната фармакопеа останала традиција и во првата половина на 20. век. Ане Касапот од семејството Докчевци, имал лек за болестите далак или

[2606] Глас Пологa, Тетово, Епидемија Шарлаха у Тетову, бр. 106, 06. 04. 1935, 3; Истото, бр. 107, 13. 04, 1935, 4.
[2607] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 06. 2006.
[2608] Истото. Во бањата имало управник. Долгогодишен управник – *бањаџија* во Тетово бил Сандрија Бањаџија.
[2609] Глас Пологa, Тетово, 26. 10. 1935, 4.

црвенило, чир и жолтица[2610]. *Од Јоанчета Јоаница дигаше грла со нишадор и многу ќе пржи, крв ќе пушти и после малу ќе ни даде шеќер*[2611]. Чифут Миаљче и децата негови имале дуќан за лековити трефки, *пијавици, интиаѓи* (рицинус), *балакјаќи* (рибино масло), еден вид билна аптека наречена *евзаана*. Бошковци, продавале пијавици, за оние кои имале висок притисок[2612]. Имало жена у Горно Маало, која лечела *далак* (слезина)[2613]. *Дебела Мена праела иљач од тегаец за гнојни рани*[2614]. Од народната фармакопеа запишана од Зарија Петрев Ѓорев, се гледа дека искуствата на другите култури ги пренесувале нашите печалбари. Имено овој тетовски фурнација кој имал свои фурни во Истанбул, во својот тефтер запишал неколку народни лекарства кои ги научил од свештениците на рускиот манастир *Св. Андреа*, во близината на овој турски град[2615]. Во неговиот тефтер ги среќаваме следните народни лекарства: *Лавровое масло*[2616], *Шалфеиное масло*[2617], *Краснии балсум*[2618], *Мајатное масло*[2619], *Регалное масло*[2620] и *Укропное масло*[2621].

6.11. ОБРАЗОВАНА КУЛТУРА

Желбата за повисоко и поквалитетно школување кај Македонците од Тетово била силно изразена уште во 19. век. Првото келијно училиште во Тетово е на почетокот на 19. век а најстар запис за постоење на учител во Тетово бил на една надгробна плоча на која пишувало дека во 1822 година е роден синот на учителот Стаменко[2622]. Андреа Стојанов забележал во 1891 година, дека по завршувањето на четвртото одделение во Тетово, секоја година по неколку деца го продолжуваат своето школување во Скопје и Солун. Покрај овие деца, имало

[2610] Писмена изјава, Никола Јовановски (1934 -), пензионер од Тетово, лична архива.Тој како месар, користел некаков дел од жолчката кој се нарекувал *Зборец*. Зборецот го мешал со некои други природни додатоци и ќе го претвори во смеса во течна состојба во три шишиња. Таквата количина ја пиеле заболените од жолтица, по што болните брзо заздравувале без последици. Далакот или црвенило го лечеле со ставање на мелем на заболеното место. Најпрвин се ставало хиперманган, ошавка од слива, а потоа мелемот и со мелемот излегувало се од заболеното од под кожата, додека не излегло и нешто како мало парче кора. На местото каде се третирало останувал отвор, кој се покривал со мелемот и се пиела ракија со крмес. При тоа препорачувале диета, во која не смеело да се употребува свинска маст и месо.

[2611] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06. 2006.

[2612] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 11. 2006.

[2613] Истото.

[2614] Истото. 22. 05. 2007.

[2615] Бранислав Светозаревиќ, Народната фамакопеја запишана од Зарија Петрев Ѓорев Пошаранец од Тетово, Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Штип, 5-7 јуни 2008, 91 - 99.

[2616] Истото, 92, . . .*за когај замислует чоек когај му идет бајалма на срцето на мидето на стомакот.*

[2617] Истото, 93, . . . *доброе е да се употребует и поможует ова илач за слабост желудак от ревматизма у нутра когај имат чоек и от клопотене на цревата у нутра*

[2618] Истото. . . . *кога му идет човеку карв, кому течет от срце тоес од уста когај му течет когај плукат*

[2619] Истото, 94, . . .*когај му болит мидето чоеку тоес когај му немелет, когај му е расипан тоес желудникот*

[2620] Истото, . . . *когај чоек имат ревматизама = и овја илач помагат и за очите кому течат тоес кому слазат* . . .

[2621] Истото, 95, . . *за кому немелет мидето тоес желудникот*

[2622] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/493, Радивоје Богојевиќ, О Тетову и тетовцима.

и не мал број на деца од тетовчани кои како печалбари во поголемите градови на турската империја ги земале своите деца или децата на своите најблиски да завршат некакво училиште во тие места. Иако во дел од овие училишта во Бугарија, Србија и Грција, Македонците покрај општото знаење, им било наметнувано туѓо национално сознание, сепак голем дел од нив во иднина ќе претставуваат водачи на востанијата во Македонија, познати борци за македонска национална држава, но и основоположници на значајни државни институции од различни области на живеењето и делувањето. Мора да се истакне дека меѓу овие ученици и студенти од Тетово има и такви кои до крајот на својот живот останале со своето уверување дека се припадници на српската или бугарската нација, онака како се воспитувани во овие училишта, па така во Тетово се среќавале примери каде едниот брат е „Србин", а вториот брат од истите родители „Бугарин"[2623]. Презимињата на учениците и студентите од Тетово, главно се пренесени како што се среќаваат на списоците од училиштата каде што учеле.

Според статистичкиот преглед на завршени ученици во *Призренската богословско-учителска школа,* од 1871 до 1921 година, евидентирани се повеќе ученици од Тетово[2624].

Во *српските скопска, солунска и цариградска гиманазија* во периодот од 1892 до 1928 година[2625] учеле голем број ученици од Тетово[2626]. Во ***Велешката гимназија*** завршил Тоде Костов Стојадин во 1913 год.

[2623] Јован Х. Васиљевиќ, Патриаршисте и егзархисте у скопској епархији, Братство, Београд, 1938, 48 - 54.

[2624] Костић Петар, Споменица педесетотгодишњице призренске богословско-учитељске школе 1871 – 1921, Београд, 1925, 133, 135, 138, 140, 141, 143, 146, 148, 150, 152. **1.** Тома Арсиќ – учител (1873/74 г.), **2.** Петар Димитријевиќ – учител (1878/79 г.), **3.** Василије Периќ - учител (1892/3 г.), **4.** Василије Серафимовиќ - учител (1896/7 г.), **5.** Илија Дојчиновиќ - учител (1897/8 г.), **6.** Јеротије Гавриловиќ, **7.** Александар Катмариќ – учител (1901/2 г.), **8.** Александар Арсиќ – свештеник (1904/5 г.), **9.** Крста Костиќ – учител (1906/7г.), **10.** Јордан Костиќ – учител (1913/14г.) и др[2624].

[2625] Споменица четрдесетогодишњице мушке гимназије у Скопљу 1894 – 1934, Скопље, 1934, 176 – 426.

[2626] Во списокот што следува, покрај тетовчаните се среќаваат и ученици од тетовските села за кои точно е кажано од кое село потекнуваат како и некои ученици од други градови кои во подоцнежната нивна кариера работеле и живееле во Тетово. Евидентирани се следните ученици: **1.** Аврамовиќ Аврам Никола, роден 1882 во Тетово, во училишната 1895, 96 -1901/2 год. учел од I – VII год. Во Скопје, потоа учител во Пензија и претседател на општината во Охрид. **2.** Ананијевиќ Ананије Јован, роден во 1882 година, во учебната 1895/6 - 1896/7, учел I – II год во Скопје. **3.** Антиќ Антоние Ристо, роден 1893, во Тетово, училшната 1907-8 – 1908/9, III – IV год. во Скопје, училишната 1909/10 – 1911/12 г. учел I – III год. во учителската школа во Скопје. Подоцна учител во Тетово и Претседател на Градското поглаварство. **4.** Арсиќ Арсениа Тодор, роден 1892, уч. 1907/8 – 1911/1912, учел III – VI год. во Скопје. **5.** Арсиќ Томе Александар, роден 1883, уч. 1896/7 – 1898/9, учел I – III год. во гим. Скопје, во уч. 1899 – 900 год., IV год. гим. во Солун, Подоцна учител во Тетово. **6.** Богојевиќ Андре Чедомир, роден 1896, уч. 1910/11 – 1911/12, учел I год. Гим. Скопје. **7.** Богојевиќ Владимир, уч. 1894/95 г., учел I год. гим. Скопје. **8.** Богојевиќ Глигорије Радивоје, роден 19. 02. 1900 г., уч. 1910/11 – 1911/12 г., учел I год. гим. во Скопје, 1919 до 120/21 г. VI – VIII год. гим. во Скопје. Подоцна дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје. **9.** Богојевиќ Јован Драгутин, роден 1898, уч. 1910/11 – 1911/12 учел I год. гим. во Скопје. **10.** Богојевиќ Кочо Сава, роден 1883, уч. 1895/96 – 1898/99 г. учел I – III год. Во Скопје, уч. 1899/900 – 1902/1903 г. учел IV – VI год. гим. во Солун. Потоа се вратил во Тетово. **11.** Богојевиќ Михајло Душан, роден 1901, уч. 1911/12 учел I год., во гим. Скопје. **12.** Богојевиќ Петар Александар, роден 1882, уч. 1895/6 – 1898-99 учел I – III год. Гим. во Скопје. Уч. 1898/9 – 1899/900 г. IV – V год. учел во Солун.

Подоцна бил директор на Првата штедилница во Белград. **13.** Богојевиќ Стеван Гаврило, роден 1884, уч. 1896/7 – 1898/99 г. учел I – III год. гим. во Скопје, уч. 1899/900 – 1901/2 г. учел IV – VI год. гим. во Солун. Подоцна аптекар во Скопје. **14.** Богојевиќ Тодор Јордан роден 1894, уч. 1904/5 – 1908/9 г. учел I – IV год. гим. Солун, уч. 1909/10 – 1910/11 г. учел V-VI год. гим. во Скопје. **15.** Божовиќ Лазар Михаило, роден 1889, во Стјена (Црна Гора) завршил гимназија во Солун, подоцна окружен началник и адвокат во Тетово. **16.** Галиќ Гаврил Стојан, роден 1885, уч. 1897//8 – 1898/9 учел I – II год. гим во Скопје. **17.** Давидовиќ Давид Славко, роден 1897 во Отуње , уч. 1910/11 -11911/12 г., учел I год. гим. во Скопје. **18.** Дамјановиќ Дамјан Бранко, роден 1898г., уч. 1911 – 12 учел I год. гим. во Скопје. **19.** Димитријевиќ Столе Јован, роден 1894 г., уч. 1907/8 – 1914/15 учел I –VIII год. гим. во Скопје. **20.** Димитријевиќ Алаксандар Томо, роден 1884 г., уч. 1896/97 – 1897/98 учел I – II год. гим. во Цариград. **21.** Ѓоловиќ Спиро Александар, роден 1880 г. во с. Пожаране, уч. 1895/96 – 1901/902 г. учел I –VII год. гим. во Цариград, подоцна студент во Петроград, член на македонското литературно друштво, градоначалник на Тетово, Конзул на Кралството СХС во Цариград. **22.** Ѓорѓевиќ Ѓорѓе Илија, роден 1883 г., уч. 1897/98 г. учел II год. гим. во Скопје. **23.** Ѓорѓевиќ Ѓорѓе Милош, роден во Вратница во 1886г., уч. 1901/02 – 1903/4 г. учел II – IV год. гим. во Скопје. **24.** Ивановиќ Иван Димитрије, роден 1897 г., уч. 1909/10 г. учел I год. гим. во Скопје. **24.** Илиќ Васе Александар, роден 1891 г., уч. 1904/5, учел I год. гим. во Скопје. **25.** Илиќ Кузман Александар, роден 1885 г., уч. 1897/8 – 1900/901 г. учел II – V год. гим. во Скопје. **26.** Илиќ Илија Коста, роден, 1882 г. во Брезно, уч. 1897/8 – 1898/9 г. учел I - II год. гим. во Скопје. **27.** Илиќ Илија Манојло, роден 1881 г. во Брезно, уч. 1899/900 – 1900/901 год. учел VI – VII год. гим. во Скопје. **28.** Јаковлевиќ Јаков Авакум, роден 1897, роден 1897 во Волковија, учел I год. гим. во Скопје. **29.** Јанкуловиќ Мина Димитрија, роден 1883 г. во Волковија, уч. 1893/4 – 1899/900 учел I –VI год. гим. во Скопје. **30.** Јанкуловиќ Крсте Лазар, роден во 1884 г. воВолковија, уч. 1893/4 – 1900/901 г. **31.** Јовановиќ Јован Глигорије, роден 1882 г.,уч. 1895/6 – 1899/900 г., учел II – III год. Учителска школа во Скопје **32.** Јовановиќ Јован Крсто, 1883, уч. 1896/7 – 1898/99 г., учел I – III год. гим. во Солун. **33.** Костиќ Коста Димитрија, роден 1882, уч. 1896-97 – 1900/901 г. учел I – V год. гим. во Солун. **34.** Костиќ Михајло Јаша, роден во 1885 г., уч. 1899/9 – 1909/10 г. учел III – IV год. во Скопје. **35.** Костиќ Михајло Јордан, роден 1894 г., уч. 1908/9 – 1909/10 г. Учел III – IV год. гим. во Скопје. **36.** Костиќ Коста Крста, роден 1885 во Сричино, уч. 1901/2 – 1902/3 г., учел III – IV год. гим. во Скопје. Подоцна работел и живеел во Тетово. **37.** Матиќ Петар Крсто, роден во 1900. уч. 1911/12 учел I год. гим. Во Скопје. **38.** Мисовиќ Михајло Гаша, роден 1885, уч. 1896/97 – 1897/98 г. учел I – II год. Гим. во Скопје. **39.** Михајловиќ Ристо Тодор, роден 1884, уч. 1900/901-1902/3 г., учел II – IV год. гим. Скопје. **40.** Михајловиќ Симо Тодор, роден 1886 г. уч. 1899/900 – 1901/2 г. учел I – III год. во Скопје. **41.** Момировиќ Момир Глигорије, роден 1879, уч. 1894/ 5 – 1897/98, учел I – IV год. гим. во Скопје. **42.** Момировиќ Момир Ѓорѓе, роден 1883, уч. 1896/7 – 1897/98, учел I – II год. гим. во Скопје. **43.** Момировиќ Коста Никола, род.1894, уч. 1907/1908 – 1909/10 г., учел III – IV год. во гим. Скопје. Подоцна директор на Банка во Тетово. **44.** Николиќ Илија Тома, роден 1894, уч. 1907/8 – 1913/14 г., учел II – VIII гим. во Скопје. **45.** Парлиќ Александар Славко, род. 1891 г. , уч. 1904/5, учел I год. во гим. Скопје. **46.** Парлиќ Александар Тома, род. 1884 г. уч. 1898/99 г. учел III год. во гим. Скопје, уч. 1899/900 – 1902/3 учел IV – VII год. гим. во Солун. Дипломиран лекар во Франција. Починал во 1915 година. **47.** Петровиќ Ѓорѓе Василије, роден 1885 г., уч. 1898/9 – 1899/900 г. учел II – III год. во гим. Скопје. **48.** Петровиќ Танасија Јован од с. Беловиште роден 1893, уч. 1904/5 г. учел I год. во гим. Скопје. **49.** Петровиќ Петар Јордан, роден 1881 во Прилеп, уч. 1895/96 – 1901/2 учел I – VII год. Во гим. Цариград. Подоцна бил директор во тетовската гимназија. **50.** Петровиќ Захарија Марко, роден 1887 во Гостивар, уч 1903/4 – 1904/5 учел III – IV год. гим. Во Скопје. Подоцна, учител и народен пратеник од Тетово. **51.** Поповиќ Владимир Ананије, роден 1899, уч. I год. во гим. Скопје. **52.** Поповиќ Јован Ѓорѓе, роден 1885, уч. 1897/8 учел II год. во гим во Скопје, уч. 1898/9 учел III год. во гим. Врање во уч.1899/900 г. IV год. во гим. Скопје. **53.** Парлиќ Јован Коста, роден 1886 г., уч. 1900/1 – 1901/2 учел I – II год. во гим Скопје. Подоцна трговец и градоначелник на Тетово. **54.** Серафимовиќ Спиро Димитрија, роден 1885 г. уч. 1897/98 – 1898/99 г. Учел II – III год. Гим. во Скопје, уч. IV год. гим. во Солун. Починал млад. **55.** Сибиновиќ Стојан Јован, роден 1886 г. уч. 1898/99 – 1900/01 г. учел II – IV год. гим. Скопје. **56.** Спира Спириќ Александар роден 1886, уч. 1899/900, учел I год. во гим. Скопје. **57.** Спира Спириќ Сава роден 1897, уч. 1910/11, учел I год. во гим. Скопје. **58.** Станимировиќ Лазар Нада, родена 1896 г. Уч. 1907/8 – 1908/9 г. Учела II-III г. во Солун, уч. 1909/10 – 1911/12 г. учела IV – VI г. гим во Скопје. **59.** Стефановиќ Јован Петар, роден 1886 г. уч. 1897/8 г. учел I год. во гим. Скопје. **60.** Стојчевиќ Стојче Стојан, роден 1895 во Вратница, уч. 1907/8 – 1909/10 г. учел I – III год. гим во Скопје. **61.** Тасиќ Јован Андреја, роден 1891, уч. 1904/5, учел I год. гим. во Скопје. **62.** Тодоровиќ Тодор Душан, роден 1884, уч. 1898/99 – 1899/900, учел II – III год. гим. во Скопје. **63.** Томиќ Данило Александар, роден 1884, уч. 1896/7 – 1897/8 г., учел I – II год. гим. во Скопје. **64.** Томиќ Стојан Славко, роден 1898, уч. 1910/11 г., учел I год. гим. во Скопје. **65.** Трпковиќ Трпко Апостол, роден 1882 во с. Јелошник, уч. 1896 – 1899/900 г., учел I – IV год. гим. во Скопје. **66.** Ќирковиќ Ќирко Стојан, роден 1896 г., уч. 1909/10 –

1910/11 учел I – II год. гим. во Скопје. **67.** Филиповиќ Филип Јефтимија, роден 1875 г., уч. 1892-3 г. учел I год. гим. во Цариград. **68.** Хаџи – Галиќ Гале Илија, роден 1897 г.,уч. 1909/10 – 1910/11 г., учел I – II год., уч. 1913/14 г. учел IV год. гим. во Скопје. **69.** Хаџи-Галиќ Илија Петар, роден 1893 г., уч. 1904/5 учел I год. гим. во Скопје. **70.** Хаџи-Галиќ Гаврил Славка, родена 1900 г., уч. 1911/12 г. Учела I год. гим. Во Скопје. **71.** Хаџи-Зафировиќ Ане Тома, роден 1883 г., уч. 1896/7 г. учел I год. гим. во Скопје. **72.** Хаџи-Галиќ Илија Петар, роден - ?, уч. 1896/7 - 1897/98 г. учел I – II год. **73.** Џордевиќ Гале Стеван, роден 1899 г., уч. 1911/12 г. учел I год. гим.во Скопје. **74.** Алексиќ Алексо Трпко, уч. 1913/14, учел I год. гим. во Скопје. **75.** Герасимовиќ Александар Љубица, уч. 1913/14 г. учела II год. гим. во Скопје. **76.** Герасимовиќ Александра Слобода, уч. 1913/14 г. учела II год., уч. 1919/20 – 1921/22 г., учела V-VIII год. гим. во Скопје. **77.** Димиќ Диме Славко, уч. 1913/14 г., учел I год. гим. во Скопје. **78.** Душановиќ Душан Михајло, уч. 1913/14 г., учел I год. гим. во Скопје. **79.** Лазаревиќ Лазар Драга, уч. 1913/14 г., учела II год. гим. во Скопје. **80.** Поп-Лазаревиќ Лазар Димитрија, уч. 1913/14 г., учел II год. гим. во Скопје. **81.** Ристиќ Ристо Даринка , уч. 1913/14 г., учела II год. гим. во Скопје. **82.** Ристиќ Ристо Коста, уч. 1913/14 – 1914/15 г., учел VII - VIII год. гим. во Скопје. **83.** Алексиќ Алекса Крсто, уч. 1919/20 – 1920/21 г., учел IV - VI год. гим. во Скопје. **84.** Аќимовиќ Љубомир Јован, уч. 1919/20 – 1921/22 г., учел V - VIII год. гим. во Скопје. **85.** Аќимовиќ Ѓорѓе Савица, уч. 1919/20 г., учела V год. гим. во Скопје. **86.** Богојевиќ Михајло Мирко, уч. 1919/20 – 1921/22 г., учел V - VIII год. гим. во Скопје. **87.** Галиќ Василије Марија, уч. 1919/20 – 1920/21 г., учела V - VIII год. гим. во Скопје. **88.** Грујиќ Јован Душан, уч. 1919/20 г., учел VII - VIII год. гим. во Скопје. **89.** Димитријевиќ Петар Крсто, уч. 1919/20 – 1920/21 г., учел VI - VII год. гим. во Скопје. Умрел како лекар. **90.** Ѓиновски Јован Тома, од Галичник, уч. 1919/20 – 1921/22 г., учел II – IV год. гим, во Скопје. Подоцна бил банкарски службеник во Тетово. **91.** Евчевиќ Евче Глигорије, уч. 1919/20 - 1921/22 г., учел V – VIII год. гим. во Скопје. **92.** Заковиќ Зако Јован, уч. 1919/20 - 1922/23 г., учел V – VII год. гим. во Скопје. **93.** Јанчевиќ Јемнеј Јевстатије, уч. 1919/20 г., учел V год. гим. во Скопје. **94.** Јовановиќ Милета Стеван, уч. 1919/20 - 1921/22 г., учел V – VIII год. гим. во Скопје. **95.** Јовановиќ Томе Стојан, уч. 1919/20 г., учел V – VI год. гим. во Скопје. **96.** Јовановиќ Никола Тома, уч. 1919/20 г., учел I год. гим. во Скопје. **97.** Марковиќ Марко Јован, уч. 1919/20 - 1921/22 г., учел V – VIII год. гим. во Скопје. **98.** Нушиќ Јован Боривоје, уч. 1919/20 – 1920/21 г., учел II - V год. гим. во Скопје. **99.** Парлиќ Петар Илија, уч. 1919/20 г., учел I год. гим. во Скопје. **100.** Парлиќ Душан Милош, уч. 1919/20 г., учел V год. гим. во Скопје. **101.** Парлиќ Петар Тома, уч. 1919/20 - 1923/24 г., учел IV – VIII год. гим. во Скопје. **102.** Петровиќ Кузман Мате, уч. 1919/20 г., учел V – VI год. гим. во Скопје. **103.** Поповиќ Јован Благоја, уч. 1919/20 - 1926/27 г., учел I – VIII год. гим. во Скопје. **104.** Поповиќ Јован Боривоје, уч. 1919/20 г., учел VIII год. гим. во Скопје. **105.** Рафаиловиќ Рафаил Коста, уч. 1919/20 г., учел V – VI год. гим. во Скопје. **106.** Ристиќ Ристо Аница, уч. 1919/20 - 1920/21 г., учела I - III год. гим. во Скопје. **107.** Серафимовиќ Диме Славко, уч. 1919/20 - 1920/21 г., учел VI год. гим. во Скопје. **108.** Стојановиќ Стојан Богдан, уч. 1919/20г., учел II год. гим. во Скопје. **109.** Стојановиќ Трпко Живојин, уч. 1919/20 г., учел VII – VIII год. гим. во Скопје. **110.** Стојановиќ Лазар Михаило, уч. 1919/20 г., учел I год. гим. во Скопје. **111.** Теофиловиќ Михаило Глигорије, уч. 1919/20 - 1920/21 г., учел I - II год. гим. во Скопје. **112.** Шешлија Митре Душан, уч. 1919/20 - 1923/24 г., учел II – VII год. гим. во Скопје. Подоцна официр во Скопје. **113.** Бибевиќ М. Ана, уч. 1920/21 - 1923/24 г., учела I –IV год. гим. во Скопје. **114.** Божиновиќ М. Виктор, уч. 1919/20 - 1921/22 г., учел III - IV год. гим. во Скопје. **115.** Дојчиновиќ И. Живојин, уч. 1920/21 - 1921/22 г., учел II –III год. гим. во Скопје. **116.** Ѓеровиќ А. Родна, уч. 1920/21 г., учела I год. гим. во Скопје. **117.** Ецовиќ Слободанка, уч. 1920/21 г., учела I год. гим. во Скопје. **118.** Јовановиќ Н. Тодор, уч. 1920/21 – 1921 - 22 г., учел I – II год. гим. во Скопје. **119.** Павловиќ Ј. Никола, уч. 1920/21 – 1921/22г., учел VII – VIII год. гим. во Скопје. **120.** Парлиќ П. Илија, уч. 1920/21 г., учел I год. гим. во Скопје. **121.** Стојановиќ Л. Михаило, уч. 1920/21 г., учел I год. гим. во Скопје. **122.** Аќимовиќ Љ. Стојко, уч. 1921/22 – 1923/24 г., учел VI – VIII год. гим. во Скопје. **123.** Богојевиќ А. Влајко, уч. 1921/22 – 1925/26 г., учел II– V год. гим. во Скопје. **124.** Богојевиќ А. Олга, уч. 1921/22 – 1922/23 г., учела III год. гим. во Скопје. **125.** Божиновиќ М. Крунислав, уч. 1921/22 г., учел VI год. гим. во Скопје. **126.** Бужевиќ Н. Лазар, уч. 1921/22 г., учел V год. гим. во Скопје. **127.** Герасимовиќ А. Родна, уч. 1921/22 г., учела II год. гим. во Скопје. **128.** Ѓорѓевиќ Г. Борислав, уч. 1921/22 г., учел I год. гим. во Скопје. **129.** Ѓорѓевиќ Ѓ. Ристо, уч. 1921/22 – 1924/25 г., учел V – VIII год. гим. во Скопје. **130.** Илиќ П. Љубица, уч. 1921/22 – 1924/25 г., учела I – IV год. гим. во Скопје. **131.** Јовановиќ С. Делче, уч. 1921/22 – 1922/23 г., учел I – II год. гим. во Скопје. **132.** Јосифовиќ К. Јосиф, од .с. Селце, уч. 1921/22 – 1927/28 г., учел I – VII год. гим. во Скопје. **133.** Кандикјан Т. Пегруј, уч. 1921/22 – 1924/25 г., учела V – VIII год. гим. во Скопје. **134.** Максимовиќ Н. Јордан, уч. 1921/22 – 1922/23 г., учел V – VI год. гим. во Скопје. **135.** Мојсиќ Р. Јован, уч. 1921/22 – 1923/24 г., учел VI – VIII год. гим. во Скопје. **136.** Нушиќ Ј. Васка, уч. 1921/22 – г., учел I год. гим. во Скопје. **137.** Стаматовиќ А. Димитрија, уч. 1921/22 г., учел VI – VIII год. гим. во Скопје. **138.** Станковиќ П. Десанка, уч. 1921/22 – 1924/25 г., учела I – IV год. гим. во Скопје. **139.** Трифуновиќ Н. Ќирило , уч. 1921/22 – 1925/26 г., учел V – VIII год. гим. во Скопје. **140.** Усепијановиќ К. Магдалена, уч.

Во ***Скопската егзархиска гимназија*** учеле: Лазар Андриев, Александар Угринов, Веселин Иванов, Ана Митрушева, Епса Христова, Горица Мисова, Коцана Х. Гаврова, Миља Миова и др. Во ***Егзархиската солунска гимназија***[2627] во периодот од 1881 до 1913 година учеле и дипломирале следните тетовчани: Матеј Геров (1890/91г.), Никола Герасимов (1890/91г.), П. Станков (1892/3г.). Педагошки смер: Тома Исаев, роден 1869г., (1890/91г.), Ан. Неофитов, род. 1874г., (1893/94г.). Во женската гимназија завршиле: Стевчова Марија (1900/01г), Блажева Елена, (1903/04), Тодева Менча (1903/04). Дипломирани тетовчани до 1918 година биле: Спиро Хаџи Ристиќ[2628] – Државно училиште за ориентални јазици и Школа за политички науки во Париз;

На *швајцарските универзитети* студирале многу Македонци уште од последната деценија на 19. век[2629]. Меѓу дипломираните македонски студенти се наоѓале и многу тетовчани: Матеј Геров студирал во Цирих, Петар Здравев, завршил медицина и станал асистент на медицинскиот факултет во Женева. Крсто Лешко, дипломирал економија на универзитетот во Женева, Владика Еротеј и др.На ***загребскиот универзитет*** во учебната 1931/2 година[2630], студенти од Тетово биле: Парлиќ Урош на Ветеринарен факултет, Џинлевиќ Милан на Техничкиот факултет, Виктор Мино Божовиќ – технички факултет; Александар З. Илиќ – геодетски факултет[2631]; На ***букурешкиот универзитет***, постои поголем број на тетовчани кои дипломирале на неговите факултети. најистакнати меѓу нив биле: Никола

1921/22 г., учела I год. гим. во Скопје. **141.** Хаџи-Ристиќ Р. Аница, уч. 1921/22 – 1923/24 г., учела IV – VI год. гим. во Скопје. **142.** Богојевиќ Т. Боривоје, уч. 1922/23 – 1927/28 г., учел I – IV год. гим. во Скопје. **143.** Галиќ В. Благородна, уч. 1922/23 – 1925/26 г., учела V – VIII год. гим. во Скопје. **144.** Ѓорѓевиќ С. Ѓерасим , уч. 1922/23 г., учел I год. гим. во Скопје. **145.** Ѓорѓевиќ С. Ѓорѓе, уч. 1922/23 – 1923/24 г., учел I – II год. гим. во Скопје. **146.** Илиќ С, Благоја, уч. 1922/23 – 1926/27 г., учел I – IV год. гим. во Скопје. **147.** Илиќ П. Илија, уч. 1922/23 – 1924/25 г., учел I – II год. гим. во Скопје. **148.** Даниловиќ Ѓорѓе, уч. 1923/24 – 1927/28 г., учел VI – VIII год. гим. во Скопје. **149.** Ѓорѓевиќ Т. Јован, уч. 1923/24 г., учел I год. гим. во Скопје. **150.** Ецовиќ Ј. Душан, уч. 1923/24 г., учел I год. гим. во Скопје. **151.** Зафировиќ В. Петар, уч. 1923/24 – 1926/27 г., учел I – IV год. гим. во Скопје. **152.** Јергиќ С. Војислав, уч. 1923/24 – 1927/28 г., учел I – IV год. гим. во Скопје. **153.** Јовановиќ С. Јелена, уч. 1923/24 – 1924/25 г., учела VI – VIII год. гим. во Скопје. **154.** Јовчиќ Т. Јован, уч. 1923/24 – 1927/28 г., учел VI – VIII год. гим. во Скопје. **155.** Михаиловиќ М. Марика, уч. 1923/24 – 1924/25 г., учела I – II год. гим. во Скопје. **156.** Пандиловиќ Ѓ. Јордан, уч. 1923/24 – 1927/28 г., учел VII год. гим. во Скопје. **157.** Спириќ М. Благородна, уч. 1923/24 г., учел I год. гим. во Скопје.

[2627] Георги Ст. Кандиларовъ, Българскитѣ гимназии и основни училища въ Солунъ, Македонски научењъ институтъ, София, 1930, 90, 92, 110, 112, 163, 165.

[2628] Спиро Х. Ристиќ е роден на 12. 11. 1879 во Тетово, основно училиште завршил во градот а средно образование во Цариград во лицејот на Галата Сарај. Во Париз дипломирал на студиите за источни јазици, а дипломирал и на школата за политички науки. Работел како чиновник (драгоман – преведувач) во српскиот конзулат во Скопје. Бил народен пратеник во османлискиот парламент, како претставник на скопската околија. Во 1912 година со воспоставување на српската власт назначен е за Претседател на скопската општина. За време на Првата светска војна емигрирал со српската војска, а потоа во 1918 повторно е назначен за претседател на скопската општина. Во следната деценија станува пратеник и сенатор. Во 1938 година починал по извршениот атентат врз него во Скопје.

[2629] Љубен Лапе, Активноста на главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија 1918 – 1919 г. и документацијата за тоа. Гласник, ИНИ, бр. 1, Скопје, 1965, 131 - 191.

[2630] Лазар Соколов, Прилог за Македонското студентско движење во Загреб, Историја, , бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 24 – 27.

[2631] Глас Полога, Тетово, 19. 03. 1936, 2.

Миновиќ, Мино Миновиќ, Наум Ѓорѓе, Ристо Ѓорѓевски Брезјанин[2632].Студенти од Тетово кои студирале ***надвор од Кралството Југославија***[2633] биле: Младеновиќ Крста, студент на медицина во Лајпциг, син на Ѓорѓе Младеновиќ, подрумција; Божиновиќ Виктор, студент по техника – Чехословачка, син на Мино Божиновиќ, рентиер; Кандикјан Гаврил, студент по машинска технологија – Италија, син на Татеос Кандикјан, аптекар; Крсто Џордевски – Комерцијална школа – Лиеж, Белгија[2634]. Не е мал бројот и на тетовчани ки студирале на белградскиот[2635] и скопскиот универзитет[2636] во периодот меѓу двете светски војни. На универзитетот во Лиеж - Белгија дипломирал Божиновски Виктор Лале и др.Како ученици на

[2632] Бранислав Светозаревиќ Покорни, Маја Закоска, Здравството во Тетово и Тетовско во XIX и XX век, Тетово, 2010, 42, 52.

[2633] Александар Апостолов, Од активноста на напредните студенти на белградскиот универзитет во 1936 година, Историја, бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 35.

[2634] Глас Пологa, Тетово, 12. 03. 1938,2.

[2635] Истото, 37, 38.Според истата евиденција на ***Белградскиот универзитет*** во 1936 година студирале следните студенти од Тетово: 1. Цветковиќ Трифун, студент по теологија, син на Мојсија Цветковиќ, служител; 2. Димитријевиќ Стојан, студент по агрономија, син на Јастро Димитријевиќ, претприемач; 3. Јордан Ѓорѓевиќ дипломирал на земјоделски факултет во 1934 год. 4. Илиќ Драгутин, земјоделско - шумарски факултет, син на Михајло Илиќ, учител; 5. Јовановиќ Светозар, студент по право син на Томо Јовановиќ, мутавција; 6. Блажевиќ Јордан, студент по агрономија, син на Матеја Блажевиќ, sидар; 7. Серафимовиќ Живојин, студент по право, син на Томо Серафимовиќ, надничар; 7. Трифуновиќ Илија, студент по право, син на Ѓорѓе Трифуновиќ, печалбар во Романија; 8. Славујиќ Камил, студент по шумарство, син на Антун Славујиќ, инжинер; 9. Штеин Никола, студент по медицина, син на Симеун Штејн, професор по музика; 10. Петровиќ Душан, студент по право, син на Јордан Петровиќ, директор на тетовската гимназија; 11. Симиќ Жарко, студент по право, син на Илија Симиќ, кројач; 12. Божиновиќ Андра, студент по право, син на Ристо Божиновиќ, службеник; 13. Трифуновиќ Ќирило, студент по техника, син на Никифор Трифуновиќ, печалбар; 14. Митрушевиќ Тодор, студент по право, син на Мијо Митрушевиќ, трговец; 15. Атковиќ Боривоје, студент по право, син на Илија Атковиќ, трговец; 16. Смиљаниќ Бошко, студент по право, син на Арсо Смиљаниќ, пајтонција; 17. Павловиќ Мирко, студент по право, син на Димко Павловиќ; 18. Бериќ Андро, студент по агрономија син на Пано Бериќ, печалбар; 19. Бојиќ Велимир студент по право, син на Филип Бојиќ, пензионер; 20. Андре Ристовски Ѓупе дипломирал право;Други завршени студенти на белградскиот универзитет биле: 21. Симо Момировски, син на Коста, дипломирал 1921 год. Подоцна познат тетовски адвокат; 22. Павлинка Х. Галиќ – правен факултет; 23. Никола Спировски Ветер правник, 24. Михајло Захариевски – правник, 25. Борис Андрејчин – правник, 26. Никола Павловски Бутика – правник и др.

[2636] ДАРМ, Скопје, ф. бр. Филозофски факултет, Скопје, 1922 - 1941. На Скопскиот универзитет, меѓу двете светски војни студирале:1.Аврамовиќ Горица (1914) географ (ф. Бр. 323.23.03/33-62); 2. Аќимовиќ Стојко – (1904) географ (23.41/459 - 481); 3. Басекиќ Владислав – (1910) филолог (25.14/); 4. Богојевиќ Радивоје (1900) – филолог (25.); 5. Галиќ Душан (1914) – педагог (25.44/459-491); 6. Гогушевиќ Димитрије – (1914) филолог ; 7. Данчевиќ Загорка – (1911) филолог (26.09/87-88); 8. Парлиќ Поп Илиќ Димитрије - лекар ; 9. Илиќ Александар – подоцна дипломирал во Брисел; 10. Илиевски М. Живојин (Глас Пологa,); 11. Јовановиќ Јелена – книжевност АК – 29; 12. Јовановиќ Филимена – книжевност АК – 29; 13. Крстиќ Анастас– професор во Призренсакта богословија и управник (1867 – 1872) (Споменица); 14. Јован Гавриловиќ, архимандрит Јеротеј, богословски факултет во Атина.; 15. Спира Х. Ристиќ – (завршил Султание мектеби – Цариград), Школа на политички науки во Париз. ; 16. Лекиќ Данило – (1913) – книжевност АК – 31.20/166 – 188; 16. Павловиќ Мирко (1915) – книжевност АК – 34.; 17. Пејчиновиќ Љубица (1919) – книжевност АК – 35; 18. Петровиќ Љубица (1914) – книжевност АК – 35; 19. Ристиќ Коста (1895) – завршил прва година на белградскиот универзитет на право, потоа на Филозофскиот факултет во Скопје. (АК – 37); 20. Серафимовиќ Милан (1906) (се отпишал) (АК – 37); 21. Смиљаниќ Арса Бошко (1914) (АК – 37); 22. Спириќ Крсто Јорданка (1921) (АК – 37); 23. Спириќ Димитрије Милан – филолог (1907) (АК – 37), 24. Стевановиќ Ѓорѓе (1910) (АК – 38); филозофски; 25. Вељан А. Трпковиќ (1919) (АК – 38) и др.

Државната учителска школа во Скопје во триесеттите години на 20. век се среќаваат приличен број на тетовски студенти[2637].

6.12 ИСХРАНА

Видот на исхраната во просечното македонско семејство во Тетово била поврзана со стандардот на живеењето, политичко-економската состојба, православната култура, влијанието на ориенталната култура и она што го давало поднебјето на тетовскиот крај[2638]. Храната не била еднолична и се менувала со сезоните во годината. Природните потенцијали на околината: плодното поле, високите планини, сончевите денови, изобилството на вода овозможувале тетовчаните да се хранат здраво и рзновидно. Тие самите одгледувале во своите бавчи зеленчук, одгледувале по некоја коза, свиња или крава, во полето имале по една нива, а на падините на Шара по некое лозје. Како типично занетчиско-трговски град, Тетово се снабдувало со изобилство од прехранбени производи, кои се доставувале од селата во регионот.

Дневниот ритам на занаетчискиот град го наметнувал и редот на јадењето во текот на денот[2639]. За подготвување на јадењата, задолжени биле жените. Една од жените, најчесто главната домаќинка, во договор со домаќинот се договарала за главното јадење. Додека мажите заедно со машките деца се на дуќан уште од раните утрински часови, домаќинката го подготвувала главното јадење. Наутро, мажите доручувале во дуќанот, нешто што го спремиле уште од дома или купувале топли симиди или други пецива кои се нуделе низ чаршијата од *таблаќарите*, луѓе кои во табли носеле производи од маалските фурни. Но некои мајстори ги праќале своите чираци во мајсторовата куќа, каде што неговата домаќинка подготвила доручек и ќе го испрати по чиракот.

Се јадело три пута дневно. Сабајлето, откако чираците ќе ги разбуда кауфете околи 4 саатот, доаѓале у дуќан. У дуќанот, околу четири и пол се спрема и чисти дуќанот до 5 саатот когај доаѓал мајсторот. Тогај на улица се појавуеле симитчије и салепчије и ќе доручаа симит и салеб у зима, а у лето лавчани носеле муќејница па смо јале со леб.

[2637] (учебна 1929/30) - Миљковиќ Олга, Чунгиќ Борка; (учебна 1930/31) – Ристиќ Перса, Стевовиќ Благородна и Томиќ Благородна; (учебна 1931/32) – Главичка Рахела, Гроздановиќ Драгутин, Јовановиќ Борислава, Спириќ Пандора; (учебна 1932/33) – Апостоловиќ Тома, Ѓорѓевиќ Никола и Милосављевиќ Станка и (учебна 1933/34) – Остојиќ Милица. За другите учебни години не располагаме со податоци.

[2638] Податоците за храната во тетовските семејства се добиени од следните информатори: Наталија Нада Симјанова, домаќинка (1908 – 2006) од Тетово, изјава 01. 02. 2006; Драго Симовски Драгулинка (1920 – 2010), пензионер од Тетово; Божидар Васоски Тупанче (1937 -), пензионер од Тетово, изјава 20.03. 2006, лична архива, Б.С; Јовановски Василије Кртак (1933 -), пензионер од Тетово, изјава 28. 01. 2007, лична архива, Б.С.; Радослав Меновски (1937 -), пензионер од Тетово, изјава 26. 10. 2010, лична архива, Б.С.; Ѓоко Трифуновски (1926 -), пензионер од Тетово, изјава 30. 08. 2006, лична архива, Б.С.

[2639] Драго Симовски . . . цит. извор, 01. 06. 2006.

У 10 саатот е ручекот. Иде чирак дома кај мајсторот и ќе земе леб и манџа, комади или друго и свите ќе јадемо исто, од исти чанак смо сркале.У исто време дома јаделе и женете. Се работело од 5 сабајле до 5 попладне на акшам намази – когај оџата поел, џелата чаршија завршуе со работа и луѓите од поле со гојдата се враќале дома. Ноќум смо ишле со фењери, а низ дома со гасничиња.

Кој ќе смо дошле дома ќе се спреми софрата. На софрата свекој имал свое место а домаќинката од страна на ќумбето кај што било јадењето. Најчесто се јадело скромно, боза со леб. Бозата не се варела не се греала и немало трошок или ќисело млеко – муќејнца. Многу смо јале урда и леб, урдата у мало чинијче со малу вода. Со кондур (бинлок) и ласјаник (како бокал со две рачки) смо пиеле вино. На деџата не им давале да пија, ама скришум сакале да се напија, па старите когај не праќале у визба по вино не терале гласно да поемо за да не се напиемо.

После јадењето се седи малу и у седум саат се легнуало. По некоаш, малу се праело муабет пред врата[2640].

Поголемиот дел од населението во обичните денови се хранело мошне скромно[2641].Едно од најчестите јадења кај сиромашните било подготовка на јадење со урда. Посиромашните семејства често јаделе *кашник* со ченкарно брашно и вода во котле, а потоа смесата се печела во тепсија[2642].

[2640] Истото, 01. 06. 2006

[2641] Јован Ќириќ - Тетовац, Да се не заборави, Библиотека Маѓедонија, Скопље, 1925.*Дел од текстот: Зјаеш ли жено?. . . Сеа ќе идем дома, ќе седнем покрај ќумбе до софра и жена ми ќе седне покрај софра. Ќе се огрејем, ќе пијем раќија и ќе јадем мезе, ќе га дадем на домаќинка ми да се напие нејкоја чаша раќија, ќе земе и таја мезе и ќе пок'снуе по малу. Поголемите деца седа на страна, а малите седа покрај софра. Когај ќе тури жена ми вечера, свите ќе се собера покрај софра. . .Кога ќе се напием малу, жена ми ќе донесе што дау господ за вечера, некој пут чис граф, некој пута гра со пастрма, некој пута јемек со месо, некој пута урдица и сиренце шарско, биено, а некој пута едно од тиа две, а повише пута соу и пипер. У полојна јадење ќе донесе домаќинка ми окајнца вино, што викате вие бокал, само што окајнца има две ручќе, ќе га дигнем и ќе речем:*

- *Здраами жено!*
- *Здравје да имаш, домаќину!*
- *Што е арно господ нека даде.*
- *Амин Господе.*

Ќе га дигнем окајнцата и убоо ќе тргнем од нега.

- *Бре жено! Господ да даде оваја година, роди убоо грозјенце, нема што нема, барем да се напиемо.*

По тој збор ќе га дадем на жена ми, и таја ќе се напие. По малу ќе им сипем у чаша на деџата да пивна и тиа. И таќе ќе вечеруем и ќе тргнуем од окајнцата малу по малу, дур не га видим робата у дно. Дур пием вино, деџата ќе легна и ќе заспиа. После и ја ќе станем и ќе отресем трошќе, ќе седнем на еден крај од постеља и жена ми ќе ми соблече чашире. Когај ќе се соблечем, лазејќи ќе отидем до место и ќе легнем. Домаќинка ми ќе дигне софра, ќе помете и ќе се стокми за легање. . .

[2642] Драго Симовски . . . цит. извор, 28. 11. 2006.

Во чаршијата не ретко мајсторите останувале до заоѓање на сонцето. Затоа, најчесто мајсторите и по некој калфа си дозволувале да каснат и по некој *сутлијач* или *кајмачина* во млекарите, или да јадат во блиските асчилници, *манџа, јагнешко главче*, по некогаш некакво овошје или парче печена тиква - *балкабаѓе* а за пиење, најчесто *салеб* од уличните продавачи – *салепчии, боза* од *бозаџиите*, чај во *чајџилниците* низ чаршијата и т.н. *У чаршијата немало продавнице за пастрмајлије, туку ќе идеш кај фурнаџијата и ќе ти даде тесто и ќе купиш пастрма ќе га стаеш у раширеното тесто и ако сакаш ќе туриш едно јајце и ќе му го дадеш на фурнаџијата да га испече пастрмајлијата. Исто евтино било главче јагнешко и нема припрема за тоа*[2643].

За време на војните, економските кризи и првите години по Втората светска војна имало помали и поголеми кризи за набавка на основни намирници. Најголема криза за храна во Тетово се почувствувала за време на бугарското владеење со Македонија во Првата светска војна од 1915 до 1918 година, кога за едно кило брашно се давало и дел од златен накит. По втората светска војна, основните продукти се набавувале во ограничени количини преку т.н. бончиња во неколку категории и видови: Р-1, Р-2, Р-3, М-1, М-2 и т.н. Набавката на намирници, покрај домашното производство се одвивала на тетовските пазари, бакалници, но луѓето од селата носеле и до домовите. Така на пример во куќата на Форе Млекарот во која живееле 8 членови, набавката на сезонско овошје, односно лубеници, дињи, тикви, грозје и др. се носело по претходна нарачка и тоа во количина од една запрежна кола. Овие плодови се складирале во визбата со земјен под, каде што истите се конзумирале преку целото лето, есента па до зима[2644].

Пред главното јадење се испивала по некоја чашка ракија, но ретко со ракијата се мезело со свежа салата, најчесто со кисела зелка (*купуз, расоу*) или туршија. Мезето се јадело пред ручек, со ручек, ама и посебно во текот на вечерта во миговите на одмор и кога ќе дојдат гостите. Најчесто жената го приготвувала мезето на мажот, а мажот мезел, сам или во машко друштво, а понекогаш ја повикувал и жената да му се придружи.*Дедо ми Аџи Марко, дома седеше до шпоретот и мераклија беше да мезне, раќиче да се напије и купусче. Купус редовно се турало да се сќисли, поготову кој фаќа постот. Другиот дедо, дедо Ане, татко на мајка ми, свекоја вечер пред да се ст'мни, мене ќе ме прати кај Стојкота Раќиџија, познат меаџија, да купим раќија у чоканче, а баба ми ќе му напрае посно гравче без зејтин, само мауџе соуџа стаено и тоа му беше мезе и имаше назив "бел петел". И таќе свекоа вечер, обавезно*[2645]. Мезе од свеж зеленчук најчесто било од марула, зелка и др. Тетовско мезе било и

[2643] Истото, 07. 09. 2007.
[2644] Радослав Меновски . . . цит. извор, 26. 10. 2010.
[2645] Никола Јовановски, цит. извор.

урда со маслинки. Доматот никогаш не се јадел црвен. Најчесто се употребувал зелен за туршија. Како мезе се јадела и *паča*, правена од свински нозе со додатоци, како лук, сол и др.

Главното јадење се јадело, кога домаќинот ќе се врател од работа во вечерните часови. Тогаш целото семејство седнувало *на софра*. Кога *се тура софра*, секој си го знаел своето место, а најубавото од јадењето се давало на домаќинот. Во втората половина на 19. век, меѓу главните јадења биле, чорбата, јанијата, расоу месо и др[2646]. Некои посиромашни правеле јадење од опашките на кравите, биковите и телињата, кои се чистеле и се вареле во котлиња со бунгур. Исто така и нозе од јагнињa[2647]. *Когај смо јале гра со пастрма, у граот имало само едно парче пастрма и тоа на крајот го јадел домаќинот.*На ручеците се јадело и *комади* со разни филови, односно разни видови на пити и манци. Супа на ручеците многу ретко[2648], а најчесто се јадело т.н. *бирјани (прва манџа)*. Од манците, најчесто се јадел гравот, во среда и петок, кога речиси без исклучок се постело. На второ место бил оризот. Со него се правеле разни јадења. Тука биле и јадењата со компир, тави и манци. Посните јадења доминирале во исхраната: *посно јанииче со бамие, кромпир и мор патлицан без запршка. Мајками праеше у тагар на него жар и над него сацаек*[2649]. Од чорбите со ориз најчесто се правела *ќето* – посна манца со ориз зеље[2650]. Потоа *бабино чорбиче* (црвени пиперки, кромид, зејтин, сол и вода), некаде се правела чорба од зелени сливи – џанарики, варени со ориз и кромид[2651]. *Чкембе чорбата* била често припремана. Други јадења биле *сарма* (со млад лист од лоза, зелка, липа или лешник), *паша ќуфте*, *расоу месо*, *чумлек*, *поунети пиперќе* и др[2652]. *Купус месо*, посебно се јадело, кога на есен се колеле овците.

Многу семејства во Тетово до педесеттите години на 20. век имале свое производство на храна, најчесто тоа биле семејства кои имале блиско потекло од село, потоа градинарите, воденичарите, сопствениците на стада овци, месари и др. На пример, во четриесетите и педесеттите години, во семејството на Форе Меновски - млекар, кој поседувал голема бавча крај реката Пена и имал своја нива и лозје, а одгледувале и стока за домашни потреби, по сеќавањата на неговиот син Радослав, ова семејство имало сопствено производство на храна: месо (свежо, обарено во стопено сало и сушено), колбаси, бабулиња, спржа, чварки, пилиња, јајца, јуфки, тарана, млеко, сирење урда, путер, масло, матеница, вино ракија, оцет, низи пипер толчен пипер, толчен наут, толчен черес (леблебија), пченица, пченка, овес, рж, повеќе видови на зеленчук и овошје во бавчата, како и сточна храна[2653]. Сета оваа храна во најголемиот број

[2646] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/497. О Тетову и тетовцима.
[2647] Бошко Васоски . . . цит. извор, 09. 01. 2007.
[2648] Драго Симовски . . . цит. извор, 28.11.2005. Во Тетово велел: *супа за болен чуек се прае.*
[2649] Николина Обадиќ, (1932 -), пензионерка од Тетово, изјава 03. 06. 2007, лична архива, Б.С.
[2650] Драго Симовски . . . цит. извор, 28.11.2005
[2651] Ѓоко Трифуновски (1926 -). Пензионер од Тетово, изјава 30. 08. 2006, лична архива, Б.С.
[2652] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.
[2653] Радослав Меновски, цит. извор . . . 10. 11. 2011.

била наменета за домашна исхрана, односно за сопствени потреби. На таков начин ваквите семејства имале богата и разновидна храна, која традиционално се подготвувала на овие простори[2654].

Разните видови тави, најчесто се подготвувале дома, а се печеле во фурна кај *пишеремија*, како и грнето со грав, бидејќи дома ретко имало шпорети. Тавите најчесто се подготвувале преку викенд и во посебни прилики, на пример за време на верски празници.Најпозната тава била *турли тава*, која содржела овчо, говедско и свинско месо и голем број различни видови зеленчук. Печеното месо, кај посиромашните семејства, го имало само на *Божиќ* и *Велигден*, а кај поситуираните почесто. *Ние сме биле поимотни и за зима сме колеле по две – три свињи*[2655]. Така поимотните граѓани си дозволувале почесто да јадат свинско печено, јагнешко печено, а најчесто по неделите, печена кокошка[2656]. Се правела и *бакла* (плод сличен на боранија кој со седум води се варел а потоа се подготвувала со месо од свински врат. Испржена боранија со испршено јагнешко – дебело. Се подготвувале и тави со кокошка, шатка или ќурка.

Лебот исто така се земал од фурна, можел да се меси и дома па да се однесе на фурна. Лебовите (најчесто два или три) подготвени за печење се носеле на даска и покриена со памучно и волнено платно и така на даска се земале испечени дома. *Свите јале ченкарен леб а мие смо имале бело брашно и мајка ми ќе меси "нуларица" и ќе му стае малу ченкарно и само сув да го јадеш.* До триесеттите години било срамота, да не се измеси лебот дома, но лебот почнал да се продава по фурните измесен во нив, а се продавал и по улици. Во такви прилики, тој се носел по улиците во кошници а продавачот низ маалото извикувал *леб франѓула.* (леб француски)[2657]. Кога се јадел лебот, не се сечел, туку се кршел, што било подобро за *мацање*.

Рибата на трпезата во Тетово била често застапена, особено во периодите на постовите. Освен од реките во Тетовско, риба, преку трговците се набавувала и од Дојран, Охрид, Солун и др. места[2658]. Пастрмката од реката Пена, наречена *мерџанка*, била вистински специјалитет, а нејзината цена била висока, на пример, килограм мерџанка чинело 12,5 динари, а килограм

[2654] Така во домаќинството на Форе Меновски се подготвувале следните јадења: *1) топли јадења тави и чорби: купус месо, подварок (расал), сарма со лисја од зелка, од лозје, од зеље, гравче тавче, грашок, боранија, тава ориз, турли тава, ајмаксу, бумбарче, елбасан тава, ѓувеч, колтур јанија, гулаш, шќето, дроб сарма, бабино чорбиче; 2) јадења од тесто: комати (зелници) и колпите со спанаќ, праз и јајца, со зеље, штаве, коприја, купус, рендана тиква, јајца и сирење, сушен џигер и праз, пржен праз, компири, мелено месо, потоа ајлуѓани, бакардан, топенца со чварке, брза пита, сипи потпечи, јуфки потпечени со јајца и сирење, погача под саач; 3) зеленчук за салати и чорби: патлиџан, пипер, краставица, кромид, лук, цвекло, морков, 'рдовка, целер, магдонос, бамие, карфиол, кромпир, брокула, пашканат, рен и др.*

[2655] Благоја Митрушевски . . . цит. дело, 02. 10 2006.

[2656] Истото.

[2657] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.

[2658] СерафимовьЛ., *Тетовско и дъйцитъ по вжзражданието му,* Пловдивь, 1900.

телешко месо 8 динари[2659]. Од Вардар се јадела ситна риба и *плашица* во кошеви од Охрид и поретко носеле трговци риба од Дунав. Побогатите семејства, набавувале морска риба преку трговци, кои ја носеле од Солун. Ги носеле саламурени и ги нарекувале *ренѓе* и *сараѓе* (пушеник). Таквите риби ги употребувале за славите и имендените, посебно оние кои паѓале во време на постови. Во тој случај, ваквите риби се служеле со салата од праз и маслинки и се пиело вино[2660].

Комади имало со разна содржина, односно пченкарни и пченични, благи и солени, со различни филови. За пченичните комади се користела пченицата наречена *дл'га мара.* Комади се правеле со зелка, тиква, мелено месо, урда, зеље, јаболка, праз и др.Од тестенините се подготвувал *бунгур, тарана, јуфка, топенца*, а од пченка често се правело и *бакрдан*.Во Тетово, речиси со секое јадење како додаток имало *биено сирење*. Луѓето велеле *биено сирење – готоа манџа*[2661].

Сушените и пушени месни производи во Тетово се појавиле во триесеттите години, суџуци, висмајнце, кобасици, ребра, пушена риба и др[2662]. Од свињата, покрај споменатите сушени меса, се користело за јадење и се друго. Посебно се подготвувале свинските глави, опашите, нозете, јазик, цревца и други изнутрици. Се правеле чварки, а кожата се сечела во ленти и се сушела. Тие ленти ги нарекувале *фаше*. Се ставале во грав, за шмек и не се јаделе. Свинското месо, претежно се јадело во зима, јагнешкото на пролет, за *Велигден*. Особено тогаш, покрај тавите со јагнешко, се правеле специјалитети од јагнешки органи, џигер, дробови и слично во комбинација со ориз, зеље и мирудии: *елбасан тава* и *бумбарче*. Од телешкото месо се правело *с'зрма*, дробено свежо месо, кое се конзервирало во лој. Еден од поретките специјалитети на побогатите граѓани бил *Тас ќебап* [2663] . При готвењето се употрбувале повеќе видови на масла: свинско масло – сало, маслиново масло – *дрвено масло*, сончогледово масло – *марлаган*, рицинус – *интиаѓи*, кравја маст[2664].

Кога доаѓале гости, освен на семејните слави, се послужувале со она што секојдневно го имало за јадење во куќата. Најпрвин јаделе децата а потоа возрасните[2665]. Најчесто гостите доаѓале навечер кога не оделе на работа. Таквите средби се нарекувале *повечеринќе. Гости доаѓале често и тоа ненајавено. Одма ваѓамо месо од соу, месимо леб и аува. Често се поело и*

[2659] Драго Симовски . . . цит. дело, 06.06.2006.
[2660] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.
[2661] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 07. 2007.
[2662] Истото, 30. 11. 2005.
[2663] Благоја Митрушевски . . . цит. извор, 02. 10. 2006. Тас ќебап се правел од парчиња 1 – 1,5 кг. свинско, телешко, па и овчо месо, измешано со кромид и зачин (сол, бибер). Таа смеса се запакувала во модра хартија – полумасна и во неа месото ќе го врзат со *сџим* и запакувано во облик на пакет. Така подготвено се печело во фурна 2 – 3 часа.
[2664] Драго Симовски . . . цит. извор, 12. 12. 2007.
[2665] Александар Санко Ристоски (1924 – 2008), пензионер од Тетово и Александра Ристоска (1927 -), пензионерка од Тетово, архива Б.С.

се кажуеле гачќе. Мужите и женете седеле заедно и се праело шака (шега)[2666]. Кај други пак, најпрвин ќе се вечера дома и ќе се понесе со себе, оревчиња, лешници, вино, ракија и се правел *ф'раудак* (матени јајца со пшенично брашно и сето тоа се пече. Откако ќе се испече, истото се попарувало со млеко или со шербет)[2667].

Видот на исхраната на славите зависела од тоа, дали паѓала во периодот на постите. По најголемите постови, кои биле пред *Божиќ* и *Велигден*. За време на *Божиќ* се јадело свинско месо, а за велигден јагнешко. За време на овие два најголеми христијански празници се правеле најомилените јадења. За *Божиќ*, се печело свинско месо, а за *Велигден*, специјалитети, како што биле: *Бумбарче*, *Елбасан тава*, печено јагнешко. Во 19. век, во семејството Ашоски се славела славата *Св. Никола*. За таа прилика се јадела *пресвјатаја* (колач) надробен во чанак со вино. Истото тоа се правело и во семејството на Ѓеро Ѓорѓевиќ Гребенар, а нивната слава била *Св. Аранѓел Михаил.* Тогаш, вообичаено колеле овци и јагнињa,дополнувајќи дека тогаш вообичаено се колело овца или јагне и правеле јадења како: чорба, јанија, расоу месо и др[2668].

На славите, задолжително, на гостите се давало ченца. *На слава ќе направемо расоу и блага баклава, со табака се послужуе и со чашчиња раќија. Се служело слатко и туршија*[2669].

Млекото и млечните производи во исхраната на тетовчани била традиционално присутна и секојдневна, барем за сите оние кои чувале барем една крава или коза.Водата која се цеди од сирењето се викала *сирутка* и тоа се цедело и се варело, по што се добива *урда*, без која не можело да се замисли ниедна куќа особено на посиромашните семејства. Еден од производите од млеко кој во Тетово многу се употребувал за храна бил *путерот - масло* кое се произведувало во дрвена долгнавеста каца наречена *бутин.* Од горната страна бутинот е со потесен отвор а на долната - пошироко дно. Во него се мателo киселото млеко од кое се двоел путерот, а она што преостанувало од киселото млеко се викало *муќејнца*, кое е многу пријатно и киселкасто пиење. Без муќејнцата не може да се замисли јадењето на *комадот* (пита) или пак *топејнца.*

Храната се чувала на различни места и начини. Во куќата, најмногу храна се чувало во визбата. Во тоа време од зимниците ајварот не се правел многу[2670]. Се чувале *на суво околу куќа и на чардак*: низе – пипер, тикви балкабаг, свински тикви за зелници, а во вреќи: грав, пченкарно и пшенично брашно, вреќа ораси, компир, лешници, потоа венци кромид, венци лук, низи со ошав за компоти, јаболка во ковчези, *емиш и мушмули во слама* а *во визба* каца со купус – расол или реазанец, качиња со туршија, биено сирење со солило во каче, бело сирење

[2666] Истото.
[2667] Благоја Митршевски . . . цит. извор, 02. 10. 2006.
[2668] ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/497. О Тетову и тетовцима.
[2669] Љубица Стефаноска . . . цит. извор, 08. 09. 2006.
[2670] Александар Санко Ристоски . . . цит. извор; Радослав Меновски . . цит. извор, 10. 11. 2011 г.

во лонци, каче со кравји путер (пресно масло), каче со урда, качиња со полнети пиперки со урда, каче за меса и чварки конзервирани со стопено сало. Кога се употребувало тоа месо се земало со црпалка заедно со лојот и потоа се приготвувало. Во *комарникот* се чувало свинското месо во сол. Во огништето на ченгели и куки виси рачно правено чаденото месо, висманци, каврма – солено месо, ребра, кобасици, бабулиња и др. Во ***клет*** каци, бочви, фучии, за шира и вино и бинлоци со ракија.

Празот се чувал или во *ајат* или во *двор*, прекриен со земја и гранки и сл. Мали количини на намирници во кујна имало сол, шеќер, наут, леблебии, кафе, ченка миродија, буков пипер, карабибер, чаеви (нане, липа, камилица и руски чај). Во клетот се чувало ракија, вино, оцет.

За сезонското овошје кое не траело многу се чувало во визба на ладно. Во собите над шифуњерите, креденци, регали и во долапи се чувале слатка од грозје, дуња, вишњи, цреши, свински тикви како речел, мармалади од сливи, круши и мешано овошје. Над шифуњерите се чувале и дуњи и тетовски јаболки, кои испуштале посебно пријатна миризба, преку зимата.Мушмулите и костените се чувале во папрат, а костените се јаделе до пролет. Како зимница се чувал и подготвениот *речељ*, заштитен во тегли и во земјени грнинја и како таков тој се јадел до пролет.

Јаболчињата, крушите, сливите и некои други овоштија, дури и доматите се сечеле на кришки наречени *фељќе* и со една игла се наденувале на конец коноплија и тие низи се сушеле преку лето ама не директно на сонце и така дехидрирани се користеле преку зима. Ваквото сушено овошје се нарекувало *ошав*[2671]. Сушениот домат се користел за ставање во манџи преку зима. *Баба ми ги сечела патлиџаните, сливете, бамиете, јабучињата, наденати на низа и ги редела на штица лебарна и га ставала на ќерамиде*[2672]. На крајот така исушени се ставале во платнени вреќи.

Слатките јадења, колачи и торти, пити во 19. век не се јаделе затоа што воопшто не се ни знаело за нив[2673].Слаткото од различно овошје и речелот биле единствените слатки јадења на трпезата на Македонците во 19. век. Во почетокот на 20. век, започнале со подготвување на вакви слатки јадења. Она што традиционално се правело и во претходниот период било слаткото и мармаладот од различно овошје. Најефтино слатко било од црница, за кое не бил потребен шеќер[2674], а речиси секоја тетовска куќа во дворот имал црница. Посебен специјалитет бил *речељ од тиква.* Како засладувач на речељот и други специјалитети, ретко се

[2671] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006; Драго Симовски . . . цит. извор, 30. 11. 2005.
[2672] Драго Симовски . . . цит. извор, 10. 08. 2006
[2673] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 232, филозофски факултет . . . цит. дело, 1/497.
[2674] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.

користел шеќерот затоа што бил многу скап, но се користело повеќе суво грозје кое тетовчаните го сушеле на чардаците преку есен. Посебен засладувач на речељот била превриената шира на пример од 200 литри шира со превривање се добивало густа шира од 40 литри[2675]. Шеќерот се третирал како специјалитет и се јадел посебно како бонбона. Шеќерџиите и бакалите го продавале како кршен шеќер во грутки и обоен *-пембе шеќер*, и кога се купувал тие го растурале со нож шеќерот во помали грутки. Имало и *ќеслиа шеќер* (сечен во коцки) и *нумбет шеќер* и сл[2676].На тогашните слави се служело слатко со вода, кафе, а од колачи горабије и ванилице[2677]. Тетовчани многу ја ценеле *кајмачината* како специјлитет од јајца, млеко и шеќер.Побогатите семејства приготвувале слатки специјалитети превземени од турската кујна, но со додаток на свинска маст со што станувале уште помеки: *шеќерпаре*, *црна алва*, *баклава*, *назлифатме,мафише*, *ајљуген* и др[2678].Кон крајот на дваесеттите години во Тетово, започнале да се приготвуваат јадења според странски рецепти, а за таа намена биле набавувани книги со рецепти. Во *Раденичкото школо*, односно *Женското занаетчиско училиште*, еден од предметите бил и готвење. Низ ова училиште поминале повеќе генерации млади девојки кои се запознале и со другите национални кујни.

Во изборот на овошјето како храна, точно се знаело каде вирееле најслатките и најкрупните овошни плодови[2679]. За најслатки јаболки *тетовки* се сметале оние од с. Отуње и Теарце. Најубавите ореви биле од с. Лешок, бидејќи биле крупнозрнести, но најслатки и лесно кршливи, но и со најголема количина на маснотии биле од селото Гајре. Костените ги има во селата на *Подгор* и над Тетово во селата Лавце, Гајре и Шипковица. Најкрупни костени (*коштање*) биле од селата Варвара, Брезно, Одри, Беловиште и Вратница. Од средноевропските видови на овошје во тетовско вирееле: праски, цреши, вишни, сливи, круши и др. Најслатки дињи и лубеници биле од с. Порој, поради песковитото земјиште, кое поради тоа морало и почесто да се вади. Сливите во Полог се од послаб квалитет а т.н. *џанарики*, се користат за печење на ракија *џанарикојца* и тие се од посебно значење во периодите кога лозјата ги зафатувала болест, најчесто филоксерата.За најдобар мед се сметал од с. Вешале и од подгорските села. Во околината на овие имало липови дрва, па неговиот мед наречен *липоец* бил доста баран[2680].

Постењето било поврзано со верата и имало строго пропишан ред, кој тогашното христијанско население го почитувал. Режимот на постењето во суштина, делувало мошне позитивно врз психосоматското здравје врз луѓето.

[2675] Николина Обадиќ . . . цит. извор, 03. 06. 2007.
[2676] Истото.
[2677] Никола Јовановски . . . цит. извор, 25. 10. 2005.
[2678] Божидар Васовски . . . цит. извор, 13. 12. 2006.
[2679] ДАРМ, Скопје, Филозофски факултет, Скопје . . . , 119, 120, 128.
[2680] Истото, 129.

Во домаќинствата речиси без исклучок се пиело вино за време на ручекот. Виното се пиело од стомна и окајнца, а за наздравувањето се викале *праемо тока*[2681]. Окајнцата имала изглед на поплитко грне и во неа виното се точело од *фучиете* во подрумот. Од окајнцата виното се истурало во земјени чаши без рачки. Окајнцата, ласјаникот и чашите биле лакирани и во боја. Се пиело вино и со *кондур* (бинлок) или *ласјаник* (како бокал од глина со две рачки и два чопура). Ласјаникот се подавал од раце во раце, кога се пиело виното на софра, особено за слави и други свечени прилики[2682]. На децата, во некои куќи не им се давало вино[2683], а во некои се давало, ограничено[2684]. Виното било важен дел од исхраната на Македонците во Тетово и тоа е присутно и во верските обреди. Ширата за пиење се правела од најубавото грозје, која се пиела кратко време додека не превриела. Од оваа шира се правела и густа шира, односно засладувач, која била многу погуста. Со оваа шира се правел пекмез од сливи и црници и речел.

Ракија се пиело од шише со *црцка* (тапа со мала метална цефка). На тој начин, *алкохолот не идел у нос.* Ракијата од грозје *комињојца* се правела во април месец. Инаку домаќинствата од целиот град купувале од селата сливи – џанарики и ги печеле во обични казани и од еден казан се вадело 10 – 15 литра сливова ракија. Секоја македонска куќа имала од 50 до 100 литри ракија, што било нормално и редовно[2685].

Кафето се продавало зелено – не пржено во бакалници. Суровото кафе се ставало во лимен сад, во вид на цилиндер, кое го нарекувале *долапче*. Садот имал мало вратиче и подолга рачка. Садот се ставал на *сацаек*наджар, и над жарот, долапчето се вртело со помош на рачката. Откако ќе се испече кафето се толчело во *дибек* со *бучка*. Од тука кафето се сее во сито и тоа што ќе останело на ситото, повторно се толчело. И се сеело. Кафето се варело или во *бакарно ѓезве* или во *калајсан саан* (подлабока калајсана чинија). Кафето се пиело во земјени финцали. Меѓу двете војни се појавиле рачните млинови за кафе, кои во Тетово ги нарекле *воденица за кафе*, рачно изработени, а кафето почнале да го пијат во порцелански филџани без рачки произведени во Турција. Правењето на кафе на ваков начин претставувало еден посебен ритуал, кој често бил проследен со разговори со гостите или со членови од семејството и сето тоа пропратено со пријатната миризба на печеното кафе.

[2681] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 02. 2007.
[2682] Истото, 29. 09. 2009.
[2683] Истото, 01. 06. 2006.
[2684] Василие Јовановски . . . цит. извор, 28. 01. 2010.
[2685] Драго Симовски . . . цит. извор, 29. 09. 2008.

6.13 ГОСТОПРИМСТВО

Кога русинот Петар Ритих[2686] ја посетил куќата на тетовското семејство Богојевиќ во 1901 година, меѓу другото го опишува амбиентот и традицијата на пречекување на гости која за Тетово била вообичаена: . . . *по неколку минути влезе помладата ќерка на домаќинката, или како што ја викаа сите, мајка, и со поклон, според древно рускиот обичај, замоли да ја примиме гоштавката. за оваа церемонија таа требало да облече нова облека и да стави цел систем ѓердани од златни монети, дваесетфранци и стофранци. На девојката невеста се наоѓаше цело имање; се покажа дека е тоа стар обичај, при што победните носат меџитии и монети, пари од помала вредност.*

Гоштевката се состоеше од чинијка слатко и неколку чаши студена вода. Во полна недоумица што да правам со тоа, јас го ставив слаткото во чашата со вода што предизвика насмевка кај присутните. Требало слаткото да се сркне право в уста и потем да се отпие од чашата вода. Во жешкото време на годината оваа гоштевка е вонредно пријатна и прави големо задоволство. Во сиромашните семејства и кај селаните, наместо слатко, се подаваат парчиња ситен шеќер.

По слаткото, жената на еден од Богојевиќи ни донесе турско кафе, гоштавка насекаде,не само во муслиманската средина туку и во христијанската. Само по половина час по сите овие сласти, ни изнесоа хранлив ручек што малку се разликуваше од нашата селска маса. (се мисли на руската селска храна - забелешка Б.С.)

Откако спиел во една од тетовските македонски куќи, германскиот научник Франц Дофлајн во 1917 година[2687] и тоа како што вели самиот во најубавата соба во куќата, ја опишува постапката на домаќините, тоа утро кон него: *Рано изутрината едно мало девојче, најверојатно ќерка на еден од домаќините, ми донесе во една мала порцеланска чаша на сребрена табака врело турско кафе. Постапката за миење се состоеше од една проста чинија, кон која имаше исто така убаво украсена кана. Обичајната процедура за миењето беше едноставна. Над легенот се полива вода врз рацете, се измиваат и со нив се мие лицето и целото миење е завршено.*

Се до 20-тите години на 20. век, посетите на семејтвата се одвивале по еден вообичаен ред на т.н. повеќеринќе и на славите, каде што била вистинска прилика да се видат роднините и пријателите. Недоаѓањето на слава без вистинска причина, претставувало голема навреда за оние кои го славеле именденот или славата, дури предизвикувало и прекин на комуницирањето. После црквата се одело на слава и именденот преку ден и први доаѓале

[2686] Цветан Станоевски, Како ја видоа Македонија, Македонска книга, Скопје, 1978, 95.
[2687] Франц Дофлајн, Македонија, Македонска реч, Скопје, 2010, 202.

кумовите. Со гостите седел само домаќинот, а другите од семејството стојат на нозе. На славите се седело мошне кратко, 15 до 20 минути, затоа што доаѓале многу луѓе, а и гостите имале *многу куќи*, за одење. Најблиските седеле настрана за да им се даде почит на другите гости. Во приемната соба се поставувале столици на краевите од собата а се седело и на миндерите. Момите и невестите поминувале со табака во која имало чинија со *ченца* и чаши со вода. Гостите се послужувале со една лажичка ченца, при што на домаќините им се честита славата и им се посакува многу години да ја слават. Потоа, самата домаќинка ги нудела ракија или вино со чашки, а нудела и слатки. на масата имало имало нешто за грицкање. Со табаката се нудело до три пати. Тие што пиеле ракија им се нудело сирење или туршија за мезе или висмајнца. Виното се дотурало со земјен бокал. Штом ќе дојдат нови гости а нема место за седење, веднаш станувале оние кои најрано дошле и им отстапуваат место на новодојдените. Најдоцна останувале другарите на младите во куќата, па се пееле песни.

Гостопримството во триесеттите години, добива свои нови форми кои ги носат, сопругите на чиновниците, професорите, офицерите и други кои во Тетово дошле да работаат, како и влијанието на белогардејците. *Ќе слушнете дека госпоѓата Х приредила журка, дека имала многу гости и дека сервирала најдобри деликатеси покрај разни пијалоци и торти. Тие журки се непрекинати и бескрајни. Денеска ве повикува една дама, утре друга и се така додека не дојде редот на вас.*

6.14 СУЕВЕРИЈА

Вело, ле Вело, убава
Што многу знае мајка ти
Многу маѓие да прави:
Живо маче фатила
живо го земја турила
Па му рекла нарекла:
Ка писка маче во земја
Таќе и Ѓоко за Вела
Вело, ле Вело убава
Што знае многу мајка ти
Многу маѓие да прави:
Живо гуштерче фатила
Живо го земја турила
Па му е рекла нарекла:
Ка пишти гуштер за мајка
Таќе Ѓоко за Вела . . .[2688]

Суеверијата биле дел од секојдневното живеење на тетовчани. Тие суеверија вкоренети во народот, имале свое влијание и врз одредени однесувања на луѓето, особено кај оние кои се

[2688] Тихомир Крстовски - Томе, Пукна пушка горе Балтепе, Напредок, Тетово, 1985, 39.

склони да веруваат во тоа. Истражувајќи ги различните извори кои ни ги оставале патеписците, историчарите, новинарите, писателите, лекарите но и живите сведоци на тоа време, суеверијата можеме да ги поделиме на неколку видови:верување во надприродните моќи; појави во природата; луѓе со посебни способноти и влијанија - гатачи, бајачи, ѕвездочитачи, прорекувачи; соништа; демонски сили, ѓаволи и вештици; други видови на суеверија[2689]

Потребно е да се нагласи дека, различните суеверијата во Тетово, доаѓале со доселувањето на семејствата од различни села од западниот дел на Македонија, источна Албанија и Косово. Најсилните мотиви за суеверијата биле стравот од болестите, несреќите за кои луѓето не можеле да најдат објаснувања па ги препишувале на надприродни сили и појави. Исто така, колку што луѓето се плашеле за својата судбина и судбината на најмилите, толку силни мотиви биле и желбата за туѓата несреќа, односно злобата, зависта и слични негативни особини кај луѓето. Ваквите појави биле поттикнувани од нискиот степен на образование, изолираноста од цивилизациските придобивки, верската и национална поделеност и т.н.

*Обичаи со паганско потекло.*Кај Македонците во првата половина на 20. век во Тетово, се уште биле живи и некои од народните паганси обичаи, кои неретко се измешани со православните. Такви традиционални обичаи со востановени ритуали во Тетово биле: *Св. Еремија* (14 мај), кога божеството на благосостојбата (бериќетот) светецот Еремија се повикувал да ги истера змиите и другите несакани суштества од куќите во полето и морето и да донесе здравје и плодност на домаќинствата и природата, да ги штити членовите на семејствата од болести, како и домашните животни и плодноста на родот и сл[2690]; *Додолињата*[2691] се обичај кој во Тетово масовно се празнувал, кога децата пеат ритуална песна по тетовските куќи, со кои се моли Господ за дожд во летните месеци. Децата биле дарувани за овие ритуални молитви од домаќините на куќите кои биле посетувани; *Лазаре* е уште еден таков празник, со песни за среќа, плодност, здравје, женидби и т.н.

6.15 ПОРОЦИ

Пороците постоеле од секогаш. Во Тетово како мала конзервативна средина, пороците се осудувале, особено од религиите. Луѓето со пороци биле осудувани од сите, често биле предмет на исмејување. Сепак, пороците и во вакви средини биле присутни.

Коцкарите во Тетово ги нарекувале *комарџије*. Во градот се сметало дека тоа е најголемиот и најопасниот порок и се велело дека ниту *пијанството*, ниту *неверството* не можеле да го загрозат семејството колку *комаролт*. Според сеќавањата, коцкањето во Тетово било прилично присутно. Вообичаено, коцкањето било присутно во сите слоеви, па дури и

[2689] Бранислав Светозаревиќ, Народната медицина и суеверијата во Долни Полог во XIX и првата половина на XX век, Компас, Тетово, јануари, 2001, 12 - 13.
[2690] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 79 - 81.
[2691] Истото, 83 – 85.

меѓу некои угледни граѓани. Угледните граѓани тоа го правеле најдискретно во некоја од нивните куќи или викендички[2692], додека другите тоа не го правеле по домовите, туку во некои од кафеаните. Така, пред очите на *правдата*, односно во непосредна близина на Тетовскиот првостепен суд, во *Шарено кафе*имало најголемо коцкање. Младите кои немале пари играле коцка, со тоа што оној кој што ќе изгубел, му се ставало на чело талог од кафе и истиот морал да излезе на улица и да вика: *Кој има бовча за бања? (Демек испаднал магаре или коњ, паљудите можа да го тоара.)*[2693].

Проституцијата во Тетово, во периодот меѓу двете светски војни имала своја илегална и легална форма. Во градот постоеле три места, каде имало жени кои се занимавале со ваква дејност и тоа во хотелот *Београд*, и кафеаните *Америка* и кафеаната *Белака* . Проститутките речиси без исклучок биле од други места и тоа најмногу од Унгарија[2694]. Овие жени во понеделниците оделе на лекарски преглед во Тетовската болница[2695]. За тие што многу пиеле во Тетово се велело тој *малу потпивнуе*. Алкохоличарите ги нарекувале *сароши* и *суичмес* (не пие вода).

Дека откако постои љубовта постои и прељубата или барем желбата за неа докажуваат и старогрдските песни од Тетово. Овие песни настанувале врз основа на некои вистински настани, кои во стиховите се пренесени автентично или онака како што ги доживувал нивниот автор. Едно е сигурно, дека личностите кои се опеани во нив биле вистински со име и презиме. Овие песни кои настанувале за време на османлиското владеење биле единствениот медиум на Македонците преку кои се одбележувале несекојдневните настани а оставеле длабоки траги за секојдневниот живот на тетовчани.

Младешките лудории *аџамилаци* преточени биле во една песна *Трајанка Тетовка*, во која се пее за Крсто Абас, кој ја повикал Трајанка со нејзиното дајре да се видат кај Јоше Ќупче Бојанин, познат тетовски пеач, играч и шегобиец, а Трајанка во песната му одговара:

Е, море Крсто Абас, бре,
Ти знаеш к'де ја седим
Во Дол, горе над Два Бреста
Во одајче мелемчено
Со два камња зазидано
Со две сламке патосано
Папратиште покриено
За Бал Тепе залепено
Со два клинца закоано
Пенџерите зат'мнети
Д,њум шетам, ноќум играм
Цел ноќ поем, дајре чукам,

[2692] Драго Симовски (1920 -2010), пензионер од Тетово, 05.12.2005, архива Б.С.
[2693] Истото, 02.12.2005.
[2694] Истото, 05. 12. 2005.
[2695] Истото.

Па ти дојди со Ќупчета
Ќе играмо, ќе поемо
Сладко ноќ ќе проведемо[2696]

Народот инцестите ги казнувал и низ песните. Постојат повеќе песни кои ја обработувале родоскрвната љубов, што укажува дека тие појави постоеле а кои средината и верската етика ги осудувала. Љубовта на братот и сестрата, *тој грев од Бога, срам од луѓи*, завршува со страшната казна: *земјата ги поклопи:*

Едно дрво дафиново
Цвет цветало род родило
На дрвото едно пиле
Песна пое силно вика:
Ој ти боже, мили боже
К'де седат брат и сестра
Брат и сестра љубов вода!
Дали земја ќе се тресе
Или земја ќе ги земе
Грев од бога, срам од луѓи!
Уште песна не допеа
Се потресе цела земја
Па земјата ги поклопи
Брат и сестра - прва љубов![2697]

6.16 КУЛТРНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ДРУГИТЕ ЕТНОСИ

Најголемото влијание врз културата на живеењето на Македонците во Тетово, несомнено имала културата на живеењето на Турците.Прифаќањето на дел од културата на Турците од страна на Македонците во Тетово е последица на повеќе комплексни и долготрајни влијанија и процеси. Тетово уште во 16. век станало типично ориентално гратче со доминантно муслиманско население и тоа Турци и потурчени христијани. Зголемувањето на македонското население во градот во втората половина на 18. век и целиот 19. век се должело на силниот притисок на новодоселените Албанци – муслимани од североисточниот дел на Албанија. Еден дел од Македонците за да се заштити од уништување се исламизирал и потоа се албанизирал. Вториот дел кој не сакал да ја промени верата незаштитен, се исселувал на разни места, а голем дел од нив во Тетово. Антропогеографските проучувања покажуваат дека миграцијата село – град најчесто се случувала принудно, заради опасност од физичко уништување или заради даден отпор за заштита на семејството, тие се одлучувале да се преселат во градот.

Немајќи простор за маневар, новодојдените Македонци се почувствувале многу позаштитени во градот, каде што покрај староседелците Македонци живееле и Турци. Во градот дошло до нов начин на градење меѓунационални односи. Во таа борба за опстанок доаѓа до прилагодување или приспособување или попримање на дел од менталитетот, културата,

[2696] Тихомир Крстовски - Томе, Пукна пушка горе Балтепе, напредок, Тетово, 1985, 32.
[2697] Истото, 51.

обичаите и јазикот. Со тоа се намалувал меѓунационалниот јаз, а од друга страна Македонците успеале да ги сочуваат своите фундаментални белези. Ако во чаршиајата меѓу различните етникуми се зборувало на турски, Македонците меѓусебно во неа, во своите маала, цркви, училишта и домови го сочувале својот јазик, култура, етнички белези и православната вера заради која најмногу страдале. На таков начин биле симнати одредени бариери и се создал интересен склоп на односи со владеачкиот турски муслимански елемент и подостоинствено живеење на Македонците. Јован Цвијиќ, кој го посетил тетовскиот крај во османлискиот период забележал појави на морална мимикрија, каде што под стегите на муслиманските господари, населението примило одредени карактеристики на Турците во градот, а во селата од Албанците[2698]. Во Тетово, лесно забележителни турски влијанија кај Македонците имало во облеката, дел од уредувањето на куќата, турцизмите во македонскиот тетовски говор и употребата на турскиот јазик во чаршијата.

Во 19. век, правата на христијаните се зголемиле и во зависност од воено – политичките констелации на Балканот се менувал и ставот на Турците кон Македонците, односно Муслиманите кон Христијаните, но чаршијата како специфична економска и обичајно-правна институција создавала предуслови за формирање на посебен градски, чаршиски и еснафски вредности прифатени од сите без разлика на националноста и верата.

Турското културно влијание се одразило во сите сегменти на живеење: јазикот со присуство на повеќе стотици турцизми, градската носија, менталитетот, односите во семејството, статусот на жената во семејството и надвор од него, дури некои обичаи поврзани со верата, како што е посета на роднините и пријателите за време на големите верски празници, пред се на *Велигден*, како и посетата на црквата *Св. Богородица* во петоците кога е празник на муслиманите а не во неделите кога е празник на христијаните. Но таа посета останала само за оваа црква, додека во другите цркви се одело во недела на литургија. Во Тетово, како ретко каде, мажите за *Велигден*, заедно со децата ги посетувале куќите на роднините и на пријателите и комшиите, а жените ги чекаат гостите, обичај кој го има кај муслиманите за време на славењето на празникот *Бајрам.* Тетовската градска носија, особено женската е во најголемиот дел превземена од турската носија, се разбира пак со некои свои специфики кои ја прават посебна.

Власите во Тетово се оние кои поминале низ процес на најголема меѓусебна културна размена и влијание со Македонците. Нивното претопување во доминантната македонска средина одела заедно со голем прилог на обичајниот и менталниот склоп, па така општите карактеристики на тетовчани кои се препознатливи во поширокатa македонска култура се всушност оние истите или слични на оние кои важеле и за Власите.

[2698] Јован Цвијић / Иво Андрић, О балканским психичким типовима, Просвета, Београд, 1988, 72 - 78.

Според, проучувањето на Горица Аврамовска за Власите во Тетово уште во триесеттите години на 20. век: со нивното доселување во градот влијаеле на семејниот живот и секојдневната култура на Македонците.

Руските емигранти во Тетово се појавиле веднаш по Првата светска војна. Тие, како припадници на Белогардејците, за време на Октомвриската револуција биле протерани од нивната татковина. Кралството СХС им пружило заштита и ги примило во голем број. Меѓу другите градови во Македонија и тогашното Кралство СХС, одреден број на руски емигранти пристигнале во Тетово. Државата им обезбедила работа, а Македонците ги прифатиле како блиски на себе.

Русите во Тетово, ретко се мешале во политиката. Тие се сродиле и живееле со Македонците. ја делеле заедничката судбина, ја пренесувале својата култура на живеење во Тетово. Како писмени лица, тие добиле, според нивното образование соодветна служба. Во работата биле дисциплинирани и лојални. Со својата стручност, некои од нив оставиле позитивни траги, особено, во образованието[2699], културата и спортот. Од својата култура на живеење, Русите, донеле дел од обичаите, исхраната, здравствената и спортска култура[2700].По

[2699] Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар . . . цит. дело, 140.

[2700] За одбележување е придонесот во повеќе области на живеењето во градот на неколку од нив. Првиот педијатар во Тетово меѓу лекарите бил д-р Павел Житков. Тетовската хидроцентрала на р. Пена е прва од таков вид во Македонија, во неа свој придонес дале неколку руски емигранти: Виржиновски Леонид, Дмоховски Владимир, Рјабошапко Глигорије, Христенко Никола, Штритхов Алберт, Рубјов Николај, Виржиновски Леонид, Какулин Владимир, Синђурин Андреја и др. Отец Константин Глаткиј прв дал иницијатива да секоја црква во Тетово има свој црковен хор, а самиот тој бил диригент на црковниот хор во црквата *Богородица Хтетовска* и на хорот при Руското друштво во градот. Во областа на музичката култура, незаобиколна фигура е и Симеун Штејн кој како професор во тетовскта гимназија по предметот музика, бил диригент на дувачкиот оркестар на гимназијата и на блех оркестрот на Соколското друштво. За развојот на фудбалот и другите спортови во Тетово свој придонес дале и Емилјанов Стефан, Скурликов Александар, Есипов Сергије, Муквас, Попов и особено Самарски Константин кој е еден од најзаслужните основачи и фудбалери на фудбалскиот клуб *Љуботен* од Тетово. (Александар Гашески Чанак (1920 - 2000), професор во пензија од Тетово; Александар Серафимовски - Санко (1923 - 2003), архитект во пензија од Скопје, Драго Симовски - Драгулинка, (1920 -), столар во пензија од Тетово) Со задоволство и почит, тетовчаните се сеќавале на нивните професори Руси во тетовската гимназија: лекарот Павел Житков предавал хигиена, Аркадие Северинов - математика и физика, Јосиф Расторгујев - веронаука, Миглевски Владимир - математика и физика, Познјаков Ирина - Историја, Биченко Михајло - математика, Штејн Семјон - музика, Валентин Шќепкин - латински, Звајгане Меланија - рачни творби. На културен план, тие биле организирани и во посебно *Руско друштво.* Негов претседател бил Аркадиј Северинов, инаку професор во Тетовската гимназија. Во рамките н на друштвото делувал и руски мешовит хор кој ја негувал народната и духовната руска песна. Рускиоит хор го водел свештеникот Константин Глаткиј. Друштвото ги славело јубилеите на големите руски писатели, поети, композитори и други културни и национални дејци, посветувајќи им посебни поетски, музички или друг вид пригодни свеченост. Друштвото имало свои простории кои биле наречени *Руски дом.* Во Домот имало ресторан. Состаноците се одржувале секоја вечер и времето се поминувало во играње на руски игри и дружење. Секоја сабота имало другарски вечери со игранки, на кои присуствувале и другите жители на градот. Руското друштво организирало и козачки игри и егзибиции на градскиот стадион. Културните активности за време на Втората светска војна, наполно згаснале. Некои од овие руско-македонски семејства се преселиле во Скопје. Во фудбаскиот клуб *Љуботен* играле и неколку Руси: Самарски, Емилјанов, Муквас и Дивков.

Втората светска војна, Русите, како некогашни припадници на Белогардејците се сметале за класни непријатели на социјализмот. Поради тоа, тие биле преслушувани, денунцирани и прогонувани. Сепак, тие и нивните поколенија успешно се интегрирале во новото општество. Русите во Тетово, мешајќи се со Македонците полека се претопувале. Од руското потекло, останале само спомените и некои презимиња да потсетуваат на нив[2701].

Меѓу оние кои влијаеле врз културата на секојдневието во Тетово биле и Србите. Најмногу тоа се почувствувало за време на владеењето на Кралството СХС и Југославија, кога во Тетово службено со своите семејства се доселиле поголем број на службеници, односно началници на разни управи, судии, лекари, професори, директори, жандармериски и војни старешини и др. Меѓу овие новодојдени државни службеници и униформирани лица, освен Срби имало и Црногорци, Хрвати, Словенци и споменатите Руси.

Тие, пред се имале улога на спроведување на постоечкиот режим и формирање на српско национално чувство кај македонското население. За разлика од оваа негативна улога, во секојдневието со своите нови навики на организирање, дружење, забавниот живот, развојот на спортот, туризмот, еманципацијата на жената, модата, храната, архитектурата и други форми, овие семејства одиграле една позитивна улога во поттикнувањето за побрзо прифаќање на модерните европски текови, односно феноменот од *ала турка* во *ала франга*, меѓу Македонците.

6.17 „СЕКВЕНЦИ" ОД ПРОМЕНИТЕ И ОТПОРИТЕ НА ФЕНОМЕНОТ АЛА ТУРКА – АЛА ФРАНГА

Економските промени се најголемата движечка сила во сеопштите промени. Токму затоа во градот се случувале извесни отпори од граѓаните кои од историски аспект претставуваат мали пикантерии во отсликувањето на она што се случувало при незапирливите промени на феноменот *ала турка – ала франга*.

Една од нив е штрајкот на тетовските чевлари во 1936 година кога во Тетово се отворила продавницата на познатата меѓународна фабрика за чевли *Бата*. Овој штрајк претставувал еден одглас на старите времиња на тетовските занаетчии, (чевлари, опанчари и наланции) кој не донел до никакви промени а многу од овие занаетчии набрзо ги затвориле своите дуќани.

[2701] Во градот Тетово и денес, повеќето од овие руски емигранти имаат свои поколенија кои ги носат руските презимиња, а се споменуваат и оние кои веќе не егзистираат, се преселиле или починале: Заблоцки, Рјабошапко, Глигурчок, Гиченко, Северинов, Лосев, Жидков, Лефкин, Чуприна, Северинов, Емилјанов, Муквас, Дивков, Самарски, Расторгујев, Глаткиј, Дјуженко, Коваленко, Миглевски, Позњаков, Биченко, Штејн, Шќепкин, Бараковски, Јанушев, Контраденко, Тихи, Замаренко, Паливодин, и други.

Отпорот кон новото се изразувал и кога некој поединец или семејство ќе се одлучеле да донесат некоја нова навика во градот. *Свите носеле налање и ја когај излегов на корзо со кондуре и свите ми ги испогазија*[2702].

Кога *дојде струјата* околу 1928 година, паднала трговијата со петролеј и гасничиња. Спиро Бакалот за да ја заштити продажбата на овие производи, пукал во жицата на далноводот, *кобајаги гаѓал по гугувќе.* Со тоа снемало струја во градот, за да може тој да продава петролеј[2703].

Еден, тетовчанец со прекар Ц'рц, изработувал гасничиња, но откако се вовела струјата, работата му пропаднала. Поради тоа, околу 1930 година се самоубил, фрлајќи се од карпа во реката Пена[2704].

Во периодот меѓу двете светски војни дошло и до извесни промени во традиционалните односи во македонските православни семејства. Во дваесеттите години во Тетово се памети кога Коца мажена за Славе од Дајљовци, прва донела со чејзот, кревет и шифуњер и во градот некои го колнеле Петруша што ќерка му ја дал со таков чејз, затоа што после морале и други тоа да го прават[2705].

Се појавуваат први семејства во кои без благослов на постарите се издвојуваат од заедницата, се појавуваат првите граѓански разводи кои се по барање на сопругата, се појавува и боемскиот живот, неоженети мажи, појава на јавни куќи, но и еманципација на жената, која за првпат се појавува како вработена во државните и општинските институции, но исто така се сопственици на дуќани, членови на културни па и спортски друштва, појава на организирани забави и слободен избор на брачниот сопатник, кој добил свој поопшт карактер во втората половина на 20-тите години. Жената во 30-тите години на 20. век ги скратила *кујруџите* и својата коса ја уредува на фризер, а облеката *ала франга*, станала секојдневие.

Промената во речникот, односно јавното изразување било драстично сменето. Во тетовските весници можеле да се прочитаат многу критики кон политичарите и други јавни личности. Јавните напади оделе до степен на исмејување па дури и навреди, што секако ги шокирало приврзениците на традиционализмот. Најмногу во таа насока се истакнувал весникот *Тетовске новине* со неговиот сопственик и автор на поголемиот број на текстови во него Виктор Аќимовиќ, кој не само што ја шокирал јавноста со зборови и реченици за кои некој не смеел ниту да ги помисли, туку најголемиот отпор доаѓал од властите кои секој од десетте негови броја го осудувала и забранувала. Секоја од овие промени која е поврзана со сè

[2702] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 08. 2006.
[2703] Истото, 24. 10. 2006.
[2704] Истото, 15. 08. 2006.
[2705] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06.2006.

поголемата желба за приватност, предизвикувала оправдана и неоправдана реакција на конзервативната средина. Малиот град Тетово со околу 20.000 жители, веќе во овој период овозможувал извесна слобода на личен избор во приватниот живот, што било сосема незамисливо во селската средина уште долго време после тоа.

Политиката и режимите толку бргу се менувале што некои занаетчии кои законски морале да чуваат фотографија од монархот кој бил на власт, како Петре Јовановски Терзија, чувале врамена слика на која од едната страна била фотографијата на српскиот крал а на другата страна бугарскиот цар. Тоа покажува дека на овој тетовски занаетчија му било веќе се едно кој е на власт, само да сија работи својата работа на мира[2706].

Една од промените кои најмалку имала отпор е секако прифаќањето на новиот тип на куќи кои се граделе со цигла и други тврди материјали, кои сосема се разликувале по својот распоред на соби и внатрешната содржина. Секој што градел куќа во градот по Првата светска војна ја градел според новите трендови на планска куќа од западноевропски тип и ја напушта изградбата на традиционалната македонска куќа која е мошне блиска на куќите кои се граделе на просторите во поранешната османлиска држава.

6.18 СЛОБОДНО ВРЕМЕ – ПАТУВАЊА, ДРУЖЕЊЕ, ЗАБАВА И ХОБИ

Патувањето и престојувањето надвор од своите куќи, со цел да се одморат или рехабилитираат, Македонците во Тетово почнале да го применуваат повеќе во периодот по Првата светска војна, иако е познато дека и претходно, поедини семејства тоа го практикувале уште во турскиот период кога оделе и престојувале во некои бањи или манастири. Тоа можеле да си го дозволат само најбогатите граѓани, кои оделе на бања во Дебар или во некои од бањите во Србија. Основните мотиви според кои се одлучувале на патување престој, во тој период биле верските побуди и здравјето.

Посетата на манастирите во турскиот период се одвивала кога во истите имало некои црковни празници. Конаците во манастирите се користеле за преноќување и тоа најчесто го правеле мажите. Познато е дека Тетовчани најчесто престојувале во Лешочкиот *Св.Атанасиј*, Бигорскиот *Св. Јован* и Кичевскиот манастир *Св. Богородица*, а поретко во охридските, скопските манастири и манастирите во Косово[2707]. Покрај овие манастири, тетовчаните оделе и во посета на *Света Гора*. Најчесто тоа биле луѓе кои работеле во Солун или имале свои дуќани или кога презимувале со своите стада во Солунското поле.

Во периодот меѓу двете светски војни, за разлика од предходниот период кога мотивите за престој во манастирите и бањите биле од верски и здравствени мотиви, односно

[2706] Драго Симовски . . . цит. извор, 15.08.2006.
[2707] Глас Полога, Тетово, бр.122, 27. 07. 1935, 3.

нарушеното здравје, свеста на граѓаните од користа на ваквите посети се зголемила а покрај споменатите мотиви се појавуваат и други. Така, како нов мотив се појавува активниот одмор и превентивноста во здравјето[2708]. За првпат и училиштата организираат свои екскурзии, гимназијата, женското училиште и т.н[2709]. Излети организирале и различни сдруженија а најорганизиран облик имало преку Туристичкото (планинарското) друштво *Шар Планина*[2710].

Во овој период, покрај побогатите семејства, неколкудневен престој во манастирите практикувале и оние од тогашната средна класа на занаетчии, трговци, службеници и др. Дружењето како една од најважните потреби на човекот, која се појавува од самото негово раѓање. Формите на другарување зависеле од возраста на луѓето, но и на степенот на развиеноста на општеството.

Во Тетово во првата половина на 20. век, луѓето се уште се соочувале со ограничувања и попречувања за слободно дружење, низ кое би можело и слободно изразување на мислите и слободно движење, поради неколку фактори: конзервативната средина, ограничена од верски убедувања, разни предрасуди и суеверија, степенот на развојот на општеството, контролата на режимите врз слободата на движењето и изразувањето, образованието, изолираноста од европските текови, долговековното влијание на Османлиската држава, односно, шеријатството и муслиманските обичаи на владеачката религија. Сепак детскиот свет е со најмали ограничувања, благодарение и на детската природа, каде што детската мечта не признавала ограничувања:

Во маалото Два Бреста имаше многу деца. На двата бреста правевме колиби, во дворот на црквата игравме фудбал. На таванот од црквата фаќавме гулаби, ги печевме и ги јадевме. Од тоа маало излегоа голем број на спортисти, интелектуалци и борци[2711].

Постоела една игра наречена од децата Часовник.*На децата особено задоволство им причинува натпреварот во правење "часовник" од вид цветно растение. кога латиците од цветовите ќе отпаднат, на крајот од полегнатите нежни стебленца се јавува израсток, всушност недозреано семе во форма на купа. Купата може да се раздвои на повеќе делови и*

[2708] ДАРМ, Скопје, Духовен суд, Скопље, необработен фонд, Писмо на Глигорије Павловиќ, столар од Тетово до Митрополитот скопски Јосиф од 15. 07. 1932 год; ДАРМ, Одд. Тетово, Ф. Бр. 766, Боро Јосифовски, новинар, АК – 4, исечоци од весници, недатирани, Летување поред манастира Лешка. *Женет сум со две мали деца од 5 и 2 години возраст. Бидејќи во Тетово има големи жештини, а во неможност сум, ниту пак сметам за целисходно дека во овие тешки времиња можам да одам во некоја бања, принуден сум да го замолам Вашето Високо Првосвештенство, да ми одобрите престојување на мене и на моето семејство во манастирот Св. атанасиј кај Лешок, околија Долно Полошка под сите оние услови кои ги пропишува внатрешниот ред на тој манастир. Овој престој е неопходен и многу корисен за моите деца. Воздухот и хигиената на овој манастир како што Вие мошне добро познато, е единствен за здравје а специјално за природната промена на децата.*

[2709] Глас Пологa, Тетово, бр.113, 25. 05. 1935, 3.

[2710] Види го делот за угостителство и туризам.

[2711] Димитрие Ѓорчески . . . цит. извор, 13. 02. 2006.

тогаш настанува чудо: секој отчепнат дел почнува да се свива како спирала – да се врти како да е стрелка од часовник! Чиј "часовник" ќе биде поспирално извиен, тоа дете е победник![2712]

Смо играле со пишои земјени (од глина) а после со срчајлии (од стакло) и ,,аргентина" (стакло со боја). Смо играле со мор и со дупќе[2713]*.Дејчињата играја кукле – кукле. Куклете сами или нивните мајќе им ги праеле од партали. Купечки кукле носеле најчесто од Врњачка бања*[2714]*.*

По Втората светска војна, игрите на децата биле слични на претходниот период, само што нивниот простор за движење и места за играње се проширил и бил побезбеден. Освен во куќите и дворовите се играло, во различни маала, улици и надвор од градот: на река, на чатма, на плажата пашина, на полјана а се играло со партал топка, челик, гајдарка и голушки, кегли (вид на куглање), со голуби, со јајца, скокање со јаже, дама, фрлање камен, со земјени, железни (крупна сачма) и срчајлии пишои (Џамлии), во зима со сличуги, санкаи од даска, прости скии за на улица, рачно фаќање на риба која ја имало обилно во тетовските јазови, кога во неделите не работеле водениците се пресекнувала водата и рибите останувале на суво[2715].

Преку лето, децата оделе да се бањаат на реката Пена, правеле мали брани со камења и гранки наречени *чатми* со кои се правеле мали акумулации со најголема длабочина околу 1 метар[2716]. Кога учеле да пливаат, на водата се одржувале со помош на долгите гаќи со учкур, кои во водата се надувувале со воздух. Покрај тоа користеле и исушени тиквички кои се користеле за црпки и кои плутале на водата, тие тиквички ги врзувале на рацете и така се одржувале на површината на водата.

Уличките биле полни со деца кои се лизгале или скијале на снегот со *сличуге*, *кајкои*, *сање, трондуџи* и *сќие*. Сањите или санките биле едноседи, кајкојте биле за две до три деца а трондуците се правеле со спојување на две или три кајка кои ги спојувала една закована даска. На трондукот собирало и до десет деца, а напред се правело импровизирано кормило, па трондукот изгледал како боб. Со сличугите се добивало најголемо забрзување. Скиите, сањите и сличугите се правеле на дограмација, често луѓето, некои од овие реквизити ги правеле самите дома.

[2712] Михаил Јанушев, Далечни одгласи, Македонска Искара, Скопје, 2006, 29.
[2713] Драго Симовски . . . цит. извор, 08. 02. 2010.
[2714] Истото, 15. 05. 2007.
[2715] Радослав Меновски . . . цит. извор. 15.10. 2011 год.
[2716] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 11. 2008. Чатми се правеле кај *Аџи – Иљоа ваљајца*, после кеј *Момироа гајтан – фабрика* и воденца, *Добреа воденца* (општинска), *турска чатма*. Првата плажа била на местото викано *Пашин Гроб*, а плажата ја нарекле *Пашина*. Кој се наоѓала кај стариот железнички мост и кожарата на Џировци. Мате Ченка, кога ја купил *Момироа воденца*, направил еден бетонски зафат, кој е користен како базен. Најпосле младите се бањале на браната и каналите од хидроцентралата.

Најатрактивни места за лизгање биле: од*Доу*, преку *Два Бреста*, па дури до *Сат Маало* или од: *Кривина* на *Коутук* до денешното училиште *А.С. Кикиш*. Така било до 20 часот навечер, кога децата си оделе дома, бидејќи наставниците гледале, како нивните ученици се однесуваат на улица. Навечер, дури до полноќ на истите лизгачки стази се лизгале и скијале младите возрасни луѓе, па дури и млади брачни парови. Во 1928 година, еден судија со име Душко, нарачал од Коларот Петре Черенко, да му изработи боб. Таа направа за лизгање, Душко ја користел со неговата жена и неговото друштво Аце и Добре Грнчаровци со своите жени. Тие со бобот најчесто се пуштале од *Доу – Два Бреста*, покрај Мато Ченка до *Саат – џамијата*[2717].

Повозрасните деца во своето дружење биле прилично издвоени според полот. Повозрасните девојчиња, со настапувањето на својата десета или единаесетта година, престанувале да играат по сокачињата и уличките и нивното дружење се контролирало и се преселувало по куќите и дворовите. *Тетовските дејќе седа зад врата со скопски наланки и зиркале низ подотворена врата*[2718]. На оваа возраст девојчињата веќе добивале и сериозни задолженија во домаќинството. Девојчињата не оделе во црква во неделите и големите празници. Тоа го правеле откако ќе се омажеле и тоа исклучиво во придружба на свекрвите[2719]. Машките деца иако имале нешто поголема слобода на движење, сепак имале можности за дружење.

Но и во турскиот период, дружењето меѓу жените понекогаш и понекаде се одвивало скришно, далеку од очите на љубопитните[2720].

Егленџето, како форма на дружење навистина се практикувало. Тоа било дружење со некаква ужинка. Егленџето се случувало после завршување на работата во чаршијата. Тогаш започнувало движење на луѓето низ дворовите и капициците, по куќи во посебни одаи жените а во посебни мажите. Низ тие дружења жените меѓусебно си дозволувале поголема слобода и се велело дека прават *ѓумбуши*.Еден новинарски запис, со романтичен занес ја опишува женската дружба во Тетово во минатото: *Кога чаршијата се затворила и кога домаќинките низ комшиските капициици се собирале едни кај други, на кафе и егленџе, а девојките и младите жени, вдовиците и распуштениците, во одделни одаи и без машка придружба го следеле примерот на нивните сограѓанки младите анами од турскиот дел на градот. Со мракот што би паднал над таа наизглед безживотна касаба, во неговите домови, зад високите ѕидови, затворени врати и со решетки и со пердиња затемнети прозорци, би се раѓал и започнувал сосема нов и волшебен, самовилски живот, полн со песни и игри, страсни и*

[2717] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 01. 2007.
[2718] Истото, 09. 11. 2006.
[2719] Нада Симјанова (1908 – 2006), домаќинка од Тетово, изјава од 01. 02. 2006, лична архива, Б.С.
[2720] Боро Јосифовски, Убавата Тетовчанка некогаш и сега, Просвета, Скопје, 12. 02. 1976, 7.

бесни, со меѓусебно шегување, подбуцнување и подвриснување, темпераментни и предизвикувачки.[2721].

Особено дружењето на момите дошло до израз по завршувањето на Првата светска војна. Машките се дружеле низ многуте форми на спорт, културни настани, рекреации, како прошетки низ планина, пливање на плажи на реките *Пена* и *Вардар*, излети во Лешок, Тетовското кале, Попова Шапка и други места[2722]. Во триесеттите години на дваесеттиот век, се повеќе и девојките ги користеле овие форми, особено на културните, забавните настани, верските празници на Калето, во Лешочкиот манастир, а младите жени со своите сопрузи за првпат се појавиле во костими за капење на плажите на реката Вардар кај селата Сиричино и Сараќино, кон крајот на таа деценија[2723]. Најубаво им било на средношколците и студентите, тие имале повеќе слободно време. Во зимските денови оделе на скијање и санкање на Попова Шапка, Балтепе и стрмите делови на Тетово, а преку лето на плажите на реките Пена и Вардар. Ваквите групи, поминувајќи ги летните денови во сенките покрај реките се нарекле *сенкари. Поради големите жештини во самото Тетово, плажата на реката Пена оживеа и е во полн ек. Капењето се одвива почнувајќи од црквата Св. Богородица, па се до тетовската бања Хисар. Многубројните капачи имаат свои омилени места за капење на брзата, пенушлива и како кристал чиста и бистра вода на реката Пена.* На плажата на реката Вардар кај селото Сараќино и на езерото Матка, Тетовчани ја користеле железничката линија, која ги поврзувала и овие места меѓу Тетово и Скопје[2724].

Главната забава и дружење во слободното време на возрасните биле *повечеринќете*[2725] и повторно во затворен простор по куќите, каде семејствата со најблиските или евентуално со комшиите го споделувале своето слободно време. *На повечеринке се пееле љубовни, гурбетџиски или комитски песни и се раскажувало што се случило по куќите, се „бистрела политика", траеле подолго и само во сабота*[2726]. Оваа форма на дружење била мошне значајна за зачувување на народните и културните вредности на Македонците. По завршетокот на првата светска војна во Тетово се збогатил музичкиот живот, па и на повеќеринќете се почесто по домовите се слушале песни пропратени со музички инструменти.

Дружењето во 30-тите години од куќите се повеќе се селело во хотелите, училишните сали и соколаната. Новото време и новата музика ги донеле со себе и модерни танци, кои

[2721] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 11. 2006.
[2722] Боро Јосифовиќ, Како Тетовци проводе лето, Вардар, Скопље, 03. 09. 1938, 3; ДАРМ, Одд. Тетово, Реконструкција на НОД во Тетово, 1977 – 1978, 43, 45.
[2723] Боро Јосифовиќ, Како Тетовци . . . цит. дело.
[2724] Глас Полога, Тетово, бр. 228, 07. 08. 1937, 2.
[2725] БораЈосифовиќ, Тетово, Трговински гласник, Београд, 20. 10. 1932, 2.
[2726] Савица Давидовска . . . цит. извор, 13. 06.2006.

доаѓаат од запад и кои тетовчани многу брзо и со задоволство ги прифаќаат[2727]. Прв танц мајстор во Тетово бил Иван Пандиловски, стрико на Јоше Арко. Тој научил да танцува во Романија и со задоволство наученото го пренел во Тетово. Тој, европските танци на своите другари им ги пренесувал во кафеаната *Локанта,* каде што своевремено се наоѓало седиштето на *Францускиот клуб* и *Соколското друштво,* која имала своја сала со бина и била најпогодна за изведување на овие танци. Стојан Менушин бил во Белград на тримесечна обука за танц-мајстор. Тој својата вештина ја пренел на неговите другари и ги учел во куќата на Софро - неговиот зет кој бил на печалба во Белград. Музиката ја набавувале преку купување на грамофонски плочи кои ги пуштале на грамофон, кој тогаш го нарекувале *фонограф*[2728]. Меѓу тетовските ученици биле Славе Раќо, Борис Паскаљче, Сандро Чокаљ, Глигур Маѓар а се истакнувал Драго Симоски.

Околу 1936/7 година во градот за првпат девојките масовно започнале да играат во танцови двојки. До тогаш, такви игранки имало само во повисоките кругови на службениците, учителите, во Локанта и тетовските хотели[2729].

Новата музика одела паралелно и со новата мода и новите навики во секојдневниот живот на градот. Во прифаќањето на новото секогаш први биле младите но не сите, бидејќи некои од нив по цели денови биле ангажирани на дуќан или некоја работилница, во кои се работело, ако треба и во празниците.

Повеќе друштва имале свои свирачки состави со кои оделе на вечерни серенади, а некои од нив, како што споменавме погоре, настапувале на забави. Во слободното време момчињата играле карти. Најомилени игри им биле: *тунч, табланет, кази – папази* (каз – девојка – папази – поп), *тебе - мене* и др. Картите ги нарекувале *панте*[2730].

Посебно весело било во неделите., кога, како по некој непишан ред, целиот ден им бил посветен на задоволствата. Најпрвин во осум часот се одело во црква на литургија. Од 10 часот, на *соаре* правеле прошетка низ град, играле карти или билијард. Така било до ручек, а потоа од 15 до 19 часот на дневна забава наречена "*матине*" во соколаната. Од 19 часот оделе на *корзо*, а од таму на вечерна забава наречена "кермес" во хотелот *Јадран.*

Корзото во Тетово се појавило како нова социјална појава во 1919 година[2731]. До 1941 година корзото во градот 4 пати ја менувало својата позицијата: најпрвин на потегот од *Два Бреста* до *Јајчароо Маало* (на ден, ул. *Гоце Делчев*), потоа од куќата на Мато Ченка до

[2727] Нада Симјанова . . . цит. извор, 01. 02. 2006.
[2728] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 01. 2007.
[2729] Истото, 15. 01. 2006.
[2730] Истото.
[2731] Андро Апостоловски . . . цит. извор, 07. 07. 1997.

Чапчакоо Сокаче (на ден ул *И. Л. Рибар*), третото корзо од киното *Балкан* до центарот на градот (на ден. ул. *Т. Ц. Мерџан*) и најпосле од хотелот *Јадран* до куќата на Тоде Тупанче (на ден. ул. *Маршал Тито*)[2732]. За атмосверата на тетовското корзо сведочи еден интересен текст од 1939 година: *Инаку, Тетово е мошне жив град. Како и во сите други, така и овде најголемиот недостаток се озборувањата. За миг ќе дознаете со кого се состанува некоја девојка. Не можете на мира да се прошетате. Штом ве видат дека сте во друштво на девојчиња на некое место, кое не е одредено за шетање, утредента ќе дознаете дека сте им љубовник. Ако некоја девојка прошета со неколку кавалери, веднаш за неа ќе се каже дека сака да менува кавалери и дека е заведувачка. Среќа е што поголемиот дел од младината воопшто не обраќа внимание на тоа, инаку кој знае на што би личел овој град.*

Инаку Тетово е полно со студенти. Тие со средношколците му даваат магична убавина. Кога ќе се направи некоја забава, студентите се тука и се забавуваат на начин каков што на нив им е најпријатно. А што ќе рече утре баба Божана или Драга на Стана и Руда, или на чичко Трендафил, тоа ни најмалку не ги загрижува.

Момите се толку убави, што со право можат да се нарекуваат убавици. Мошне се живи, ведри и мили, потоа и друштвени. Меѓу нив се наоѓаат и такви кои се припазуваат да ги испрати некој дома, плашејќи се да не ги види бато или Тарас Буљба (вака се нарекуваат намќорестите и намуртените татковци). Но ваквите се малку. Момите сакаат шега, смеење и подбивање со мерка. За моралот водат сметка. Премногу ласкање не трпат. Шминка малку употребуваат, наспроти постарата генерација која во турскиот период обилно користела белила. Сакаат песна, музика, игра, спорт, љубов и флертување. Ова последново потајно. . . [2733]

Некои тајфи дел од ноќта ја поминувале под прозорците на нивните љубени, кога се пееле *серенади*. Искуствата со серенадите меѓу првите ги применил студентот во Франција, Дамаскин, кој таму во периодот од 1912 до 1917 година научил повеќе мелодии на виолина и гитара. Како знак на благодарност за серенадата, девојката ќе запалела ламба во својата соба, а

[2732] Андреа Апостолски . . . цит. извор, 03. 12. 1997. *По завршувањето на кермес, девојките брзале дома, пред да се налутат нивните татковци, бидејќи ако се случи тоа, следниот пат не ќе смеат да излезат на корзо и забава. А момчињата не оделе дома, посакувале ноќта да биде бесконечна. Тие со друштво и инструменти оделе на вечерни серенади да пеат тивко под прозорците на своите љубени. На полноќ друштвата и тајфите се собирале во паркот и под некоја осамена светилка, продолжувале да ги пеат и свират старите балади, полни со љубов, елегија и носталгија. И се така до раните зори.*(Светозаревиќ Бранислав, Тетовски . . .87 - 89).

[2733] Андро Николиќ, Тетово – Град ученика, лепих девојака и јабука, Глас Пологa, 05. 01. 1939.

ако се појавела на прозорецот, тоа било вистинска сензација[2734]. Меѓу најомилените песни кои се пееле на серенадите биле тетовските старогрдски песни.

Во вечерните часови, *елитните друштва* организирале свои забави во хотелите *Јадран* и *Југославија* и во *Соколскиот дом*, а мноштвото луѓе гледале филмови во двете кино сали. Еве како Милица Бужан, професорка во Тетово, со потекло од Истра, го доживувала Тетово во 1937 година, онакво какво што било познато, само на повисоката класа на државните службеници, офицерите, лекарите и професорите: *Денеска гледате насекаде огромни реклами за двете кино сали, кои се натреварувааат во изборот на најдобрите и најновите филмови. Кино салите во недела се полни. Не смеете да здоцните, затоа што нема да добиете место. Ако секојдневно шетате по улица ги среаќавате своите пријатели. Корзото е токму во центарот на градот кај пазарот. Тука тешко ќе поминете низ толпата расположени шетачи. Ако се распрашувате за новости ќе слушнете дека се отворила чиновничка задруга, дека постои Руски дом, каде што се ори руската песна и се чита Достоевски и Пушкин. . . . Убаво е сега да се живее во Тетово: покрај кафеаните, кино салите, корзото, журките, има и две слаткарници на чии маси посебно во празниците, луѓето уживаат во прекрасни колачи. Сега по продавниците можете да се снабдите со разни чоколади, бонбони, шунки, салами, масла, кои некогаш во 1928 година можеле да се набават преку некој шофер од Скопје.Денеска Тетово е полно со чиновници и лекари. Има многу хумани и културни друштва. Овие друштва приредуваат свои забави, во новоподигнатиот соколски дом каде што нашата младина се вежба и развива*[2735].

Што се однесува до свадбите и славите во Тетово, свириле и пееле повеќе тетовски друштва со инструменти, но тоа го правеле без паричен надомест и претежно тоа го правеле за своите роднини и другари[2736].Дружењата и забавите се правеле и за време на државните и верските празници. Народот масовно излегувал на излети на *Св. Атанасиј* летни и зимски на тетовското кале, на *Св. Богородица* во Лешочкиот манастир, *Балаклија* на брегот на реката Пена, но и на првомајските празници, а по Втората светска војна на *Денот на борецот*, денот на излегувањето на *Првиот тетовски партизански одред* и други манифестации.

[2734] Боривоје Цимревски, цит. дело . . . 354, Информатор, Рада Јоргушеска, (1928 - 2010 г.), пензионерка од Тетово.Но имало и обратни ситуации кога лутите родители на девојката ги бркале момчињата. Една од најромантичните и најдолги серенади испеани во овој период е секако онаа на Ѓиче Бојациев Берберот, кој во своите млади години бил неизмерно вљубен во убавата Бора Богоевска. Нивната 6 годишна љубов наместо да се круниса со брак, била прекината со желбата на родителите на Бора да ја омажат ќерката во едно поимотно семејство. Својата неизмерна љубов кон Бора на крајот ја изразил со проштална серенада која траела цела ноќ се до изутрина пред нејзината куќа спроти црквата *Св Богородица* во Горно Маало.

[2735] Милица Бужан, Тетово некад и сад, Глас Полога, 08. 05. 1937.

[2736] Андро Апостоловски, цит. извор, 03. 12. 1997.

Покрај општото образование, музичкото воспитување и спортот на тетовчани, неизбежно место во секојдневниот живот заземал *хуморот*. Хуморот бил присутен во домовите, но најмногу се создавал во чаршијата, по дуќаните, кафеаните и чајџилниците. Едноставно секој ден измислувале разни шеги, а потоа се прераскажувале со разни додатоци. Во градот многу се почитувале духовитите луѓе и тие секогаш биле посакувани гости во друштвата и семејните прослави каде што биле задолжени за добрата атмосвера и така во комбинација со песната, шегата успешно придонесувала за заборавање, барем за момент, на секојдневните проблеми и обврски. Меѓу попознатите шегации и мајтапции, а некои од нив и добри пеачи биле: Јоше Ќупче Бојанин, Трпе Џинле, Крсто Абас, Форе Млекарот, Томе Голубарот, Душан Шапшо, Александар Сане Гички, Панче Камџик и многу други.

Хуморот во Тетово бил речиси редовно застапен и во рубриките на *„Глас Пологa"* и тоа: *„Се зборува дека"* и *„Козерија"*, кои биле пишувани на тетовскиот говор, како и во sидниот хумористички весник *„Брка"*. Хуморот на политички теми бил присутен и во весникот *„Тетовске новине"*. Кога во градот ќе се случела некоја љубовна афера или нешто ќе се случело на фудбалските натпревари, особено оние на *ФК Љуботен*, ноќта се појавувале летоци со хумористичка или зајадлива тема на сметка на овие настани. Ваквите информации брзо се проширувале низ градот. Хуморот како таков бил присутен и во староградските тетовски песни, а духовитоста се огледувала и во тетовските прекари.

Забавата во Тетово, во првите години по Втората светска војна требало да ја одразува социјалистичката реалност во која, имала исклучиво организиран карактер и требало да биде под контрола на општествено политичките организации и државните органи. Токму затоа Културно –уметничките друштва опфаќале повеќе сегменти од културно – забавниот живот на градот: музичките оркестри, хоровите, солистите, театарот, рецитаторите и сл. Но, забавата е таква социјална категорија која не може да се стави во контролирани рамки со идеолошки предзнак и токму затоа, забавата на младите во Тетово, не се одвивала онака како што очекувале локалните власти. Поради ограниченият простор, еден хотел и две – три кафеани, во кои преку цел ден биле присутни и луѓето од Државната безбедност (*доушници на режимот*)[2737], просторот за слободна забава бил мошне стеснет. Вечерниот забавен живот се одвивал преку викендите во дворот на хотелот *Македонија* (поранешниот *Јадран*), а подоцна и во ресторанот *Ловец*. Всушност се сè одвивало во центарот на градот: Тајфата на Драшко Тупанче беше главната забавна група во градот. Освен настапите со културно уметничките друштва и познатите македонски интерпретатори, тајфата организирала забави, особено во летните месеци во бавчата на хотелот *Македонија* и ресторанот *Ловец*, со *дансинг плато. Во тоа време се свиреле најпознатите светски хитови и модерните за тоа време, Самба, Румба,*

[2737] Така на една нова година, сите гости на ресторанот *Ловец* биле уапсени затоа што биле пијани.

Ча – Ча – Ча, Танго, Валцер и популарните шлагери. Задолжително имало и тепачки, како придружна манифестација[2738]. Кога не свириле во хотелот тајфата, за време на корзото, свириле во дворот на Тоде Тупанче, кој се наоѓал покрај корзото и голем број на млади ќе седнат или стоеле.

Побогатите тетовчани по урнекот на западните навики, во триесеттите години започнале да градат вили, односно *викендички* на атрктивните места во близина на градот. Најпозната вила била секако онаа на пратеникот Стојадин Димитријевиќ – Столе Ренто, близу селото Порој, каде се организирале излети и забави и по неколку денови, што секако било предмет на многу озборувања во градот. Викендички имало и на месноста *Бањиче*, покрај реката Пена и во близина на изворот на минерална вода и карпата *Илјадница*. Најубава вила на *Бањиче* била онаа на Стошиќ, трговец за тутун – големопродажба, потоа вилата на Мило Шеќерџија и др[2739].Некои граделе вили во тетовското поле, таква била вилата *Глигориино*, на Глигорие Максимоски, а некои на Балтепе, како онаа на Маринковиќ, вила *Васка*. За време на втората светска војна, поголемиот дел од овие викендички бил разрушен, а оние кои не биле срушени, по Војната биле наионализирани.

Хобито кај Македонците во Тетово се појавува по завршетокот на Првата светска војна кај мал број на луѓе. За појава на хоби потребно е исполнување на одредени услови, пред се материјална база и слободно време. Меѓу првите тетовски хобија е гулабарството, библиофилството, свирењето на некој инструмент и картофилијата.

Гулабарството, односно одгледувањето на гулаби во Тетово е најстарото хоби кое потекнува од уште од времето на османлиското владеење. Меѓу гулабарите имало многу Турци и Македонци. Така Томе Крстовски Голубарот, почнал да се занимава со ова хоби, кое тој го нарекува спорт, уште од 1925 година, а го наследил од неговиот дедо. Тетовската сорта на гулаби т.н. *Дунек* е препознатлива меѓу одгледувачите, па многу од оваа сорта заедно со нивните стопани се селела и во други краеви на Балканот и САД[2740].

Најпочитуваното и најприсутно хоби во градот било свирењето на некој инструмент. Најмногу време и волја за тоа имале младите, кои пак добивале подршка од своите родители. Како за пример, според сеќавањата на Лазар Личеноски, во 20-тите години на 20. век во семејствата низ градот имало околу стотина гитари и мандолини[2741], но со сигурност се знае и за повеќе дестици виолини, а во побогатите семејства започнале да купуваат и пијанина[2742].

[2738] Божидар Васоски . . . цит. извор, 20. 03. 2006.
[2739] Драго Симовски . . . цит. извор, 07. 07. 2006.
[2740] Тихомир Крстовски Томе, Гулабарството во Тетово, Напредок, Тетово, 1999 г.
[2741] Зое Личеноска, Лазар Личеноски, Живот и дело (1901 - 1964), Македонска книга, Скопје, 1986, 8.
[2742] Повеќе за ова во делот за *Организираниот музички живот*.

Библиофилството кај одредени образовани граѓани довело до создавање на збирки на книги односно приватни библиотеки. Семејните и личните библиотеки во Тетово се појавуваат кон крајот на 19. век и тоа во редовите на семејствата во кои имало членови свештени лица, учители, лекари, студенти и сл. Таа традиција продолжила и во првата половина на 20. век. Се знае за неколку такви семејства и поединци[2743]. Меѓу нив се семејствата Парлиќ, Спировски, Нешовски, Аќимовиќ, Јован Марковски, Симо Момировски, Никола Павловски и др. Меѓу првите библиофили имало и жени.

Коца Хаџи Галиќ, родена во тетовско семејство во Ерусалим во 1865 година. Нејзините родители работеле како пекари во овој град. Кога се омажила во Тетово за Спиро Хаџи Галиќ, таа во својот ковчег донела и неколку книги, што претставувало вистинско чудо за тогашно Тетово[2744]. Нејзините следбеници продолжиле со традициите на нивната мајка. Синот Димитрија бил еден од основачите на Читалната на тетовската младина.

Во почетокот на 20. век се појавува уште една тетовчанка библиофил, Васка Нешиќ, која заедно со својот сопруг Михајло ја оформиле нивната семејна библиотека, која, посебно ја збогатил нивниот син Борис Нешовски[2745].

6.19 ОБЛЕКУВАЊЕ, УКРАСУВАЊЕ И ДЕТСКИ ИГРИ

Семејствата кои доаѓале од различните села од западниот дел на Македонија во Тетово да живеат, тие претежно ја сочувувале носијата од својот крај и ја носеле на себе до крајот на својот живот, така што, во Тетово се гледало шаренило од носии[2746]. Во минатото носиите биле обележје, кое меѓу другото не дозволувало да се мешаат луѓето со различни носии, односно не стапувале во брак со луѓе кои имале друга носија. Градот овозможувал на сите кои дошле од различните села и региони, каде што носеле и различни носии, преку заедничката градска носија или ала франга облеката да ја отстранат пречката за склопување на бракови.

Детска облека. Без оглед на полот на бебето и детето, првите три дена е во памучни и волнени *пелени*. На третата вечер, на бебето му се облекувала *кошулка*, *минтанче* и *капа*. До едногодишна возраст децата се облекувани во кошулка и пелени и капа, а за надвор се завиткувани во јорганче. После година дена, особено откако ќе заоделе (*одаљче*)[2747] па се дури не појдат на училиште децата се облекувани во *завијачки*. Од двегодишна возраст децата се

[2743] Владимир Кочоски, Лични и семејни библиотеки во Тетово и Тетовско (XIX и XX век), Кочо Рацин, Тетово, 2009, 43 – 76.
[2744] Истото, 45 и 46.
[2745] Владимир Кочовски, Од буква . . . цит. дело, 33 – 34.
[2746] Драго Симовски . . . цит. извор, 20. 02. 2007.
[2747] Истото, 15. 01. 2006.

облекувани во *р'киче*, кошулка со долги ракави, која двата пола ја носеле до својата шеста година. После шестата година децата носеле облека соодветна на полот[2748].

Децата, се носат слично на возрасните, а на нозете носеле мали црвени чевли наречени *јеменџе*. Најчесто до десетата година машките деца носеле антерии а потоа облека како момчиња, во зависност од имотната состојба на нивните родители.

Девојчињата од поимотните семејства имале носија како повозрасните девојки. Во домашни услови девојчињата биле едноставно облечени во фустанчиња од басма, подолги и биле плетени од природна предена волна и носеле волнени чорапи. На нозете кај посиромашните се носело налањи а кај побогатите чевли[2749]. *На 17 године првпут мајка ми мѝ купила кондуре настаро, со пенџиња па со чивије*[2750].За празниците, на децата им се чувала посебна облека која се облекувала само во таква природа.

Играчки за деца. Децата од секогаш низ играта најдобро се социјализирале и ги искажувале своите чувства и мисли. Играчките биле дел од тие игри. Децата ги сакале и затоа или самите ги правеле или некој возрасен во нивната куќа. Девојчињата имале кукли направени од стари искинати алишта, конци, кошчиња сл. Машките деца играле со топки направени од различни материјали. Драго Симовски за првите топки со кои играл ги опишува вака: *Во Саат маалото имаше Саат кула. На тоа место се собирала градската стока за да се носи на паша. Ние како деца од влакната на кравите со чешлање собиравме одредена количина од која правевме топка на тој начин што долгите влакна ќе се заплеткаат и ќе ги направиме во форма на топка, и со такви топки сме играле, односно сме ги шутирале. Ќе направиме инпровизирани голови од камења и ќе играме фудбал. Фудбал сум почнал да играм на Два Бреста и Певчина, односно пред мојата куќа. Сум започнал да играм од 5 години.Потоа топките започнавме да ги правиме од волнени машки чорапи, кои ги нарекувавме крпајлии топќе и на крајот започнавме да играме со купечки гумени топки, кои сме ги викале душајлии, поради нивното полнење со воздух. Таква топка, прв донесе Моме Момировски, чиј татко Симо бил адвокат и му ја купил во Врњачка бања. Кога се повикувавме за играње фудбал велевме – ќе играмо топка*[2751].

Уште во османлискиот период, поимотните граѓани купувале играчки за своите деца во поголемите центри на империјата. Така Зарија Петрев Ѓорев, во својата книга за трошоци во

[2748] ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 323, Филозофски факултет . . . цит. фонд, Десанка Митровиќ, О женској варочкој тетовској носији, 1371.
[2749] Нада Симјанова (1908 – 2006), домаќинка од Тетово, изјава од 01.02. 2006, лична архива, Б.С.
[2750] Александар Велјаноски . . . цит. извор, 04. 10. 2006.
[2751] Драго Симовски . . . цит. извор, 20. 03. 2000.

1906 година наведува дека дал 17 гроша за *куклата на Ротка*, а 10 гроша за *теспиете што ги купив за броецете за играпее*[2752].

Градска женска носија - ала турка. Една од последните трговии во османлискиот период кои им се дозволени на Македонците во Тетово биле трговиите со срма, свила и чоја[2753]. Една од причините за ваквото однесување е фактот дека облеката освен заштитна улога, во историјата на човештвото, имала и статусна улога. Токму затоа се погрешни претпоставките дека сличната носија на христијанското население на онаа која ја носеле Муслиманите во Тетово е поради тоа што Христијаните тоа го сториле од принуда. Напротив, со носењето на исклучително скапата носија, особено женската, тетовчани докажувале дека не заостануваат зад нивните сограѓани муслимани. Во услови на прилично голема изолација од европските текови во средината на 19. век, поимањето на Македонците за естетското и убавото го граделе во рамките на Османлиската држава. Носењето на мошне богатата носија, нејзиното производтсво и тргувањето со неа носело свои ризици. За муслиманите било незамисливо, дека и *безбожниците* можат да ја носат нивната облека. Токму затоа, појавата на првиот христијанин трговец на свилени мануфактурни артикли Стале Ивановиќ Поречки завршила со негово свирепо убиство во почетокот на 19 век[2754]. По завршувањето на т.н. Источна криза, македонскиот христијански елемент во Тетово, не само што се зголемувал, туку и економски јакнел. Ваквата тенденција се одразила и во начинот на живеењето, каде што меѓу другото имала влијание и во облеката како показател на стандардот[2755].

Носијата а*ла турка* на Македонките во Тетово[2756] во почетокот на 20. век влечела корени од некаде седумдесеттите години на 19. век, кога впрочем се појавуваат и првите тетовчанки христијани со богатата носија која ја носеле и нивните сограѓанки, муслиманки со извесни измени и додатоци. Уште во дваесеттите години на 20. век, постарите луѓе се сеќавале дека кога се појавиле првите жени христијанки во градот со таква носија, се коментирало дека се облечени *како була,* а тоа доаѓало од таму што меѓу другото, *тетовските жени тежнееле за раскошното одело, кое додтогаш го гледале само кај муслиманките*[2757]. Во прилог на влијанието на муслиманската женска носија, се повеќето од називите на деловите од носијата како и податокот дека и во дваесеттите години, некои делови од носијата се изработувале од

[2752] ДАРМ, одд. Тетово, ф. бр. , Зарија Петрв Ѓорев, фурнација, Тетово, Цариград, кн. 1, цтр. 60.
[2753] Јован Хаџи Васиљевић, По тетовскоj . . . цит. дело, 17.
[2754] Истото.
[2755] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/1367 – 1368, Десанка Д. Митровић, О женскоj варошкоj тетовскоj ношњи, Скопље, 03. I. 1929 г.; Истото, 1/1356, Стојко Аћимовић, Мушка грађанска ношња у Тетову.
[2756] Г. Петровь, Тетовската кааза, Материали по изучуването на Македония, София, 1896, 422 - 423; А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, София, 1929, 66.
[2757] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/1367 – 1368.

муслиманките – *булете*[2758]. Сознанијата дека облеката ала-турка од Македонците во Тетово е прифатена во седумдесеттите години на 19. век, а веќе до крајот на истиот век започнува употребата на облеката ала франга, тогаш не може да се каже дека женската ала турка носија била традиционална туку само како модерна облека на еден период, кој опфатил само три до четири генерации. Во дваесеттите години на 20. век, оваа носија почнала да се користи само за свечени моменти.

Женската носија во Тетово севкупно се состоела од квалитетен материјал, со многубројни украсни материјали и мотиви, направени од срма, свила, атлас и др. материјали[2759]. *Чинтијаните* и *елекот* се прават од скапа свила, а *минтаните* од квалитетно маслиново или зелено *кадифе*. Ногавиците биле изработени со срма и чиста свила и припиени околу глуждот, а нагоре дополнети со ширити и широки, со што се прикривале облините на нозете. Во горниот дел делови и џебови извезени со срма. Чинтијаните се врзувале со *ширит* околу половината. Се носел и *колан* изработен од сребро – филигран. Минтаните и елечињата се носеле куси и тесни. Сите се богато украсени со срма и *срмени ширити*. Побогатите над елечето носеле долама од кадифе, везена со срма до над колена и ракавите само фатени на рамо. Појасот бил свилен, а завијачката била ткаена од срма и свила. На место минтан, понекогаш се носела свилена риза со широки ракави а на главата, *мал фес* и редови на златници (алтани) од кои едната седи спуштена на средина од челото. Оние кои немале жолтици, ставале лажни пари. Богатите околу вратот на елечето *с'ри* со златници во зависност од богатството. С'рите биле наредени со златници од една лира, а во средината се ставало петтолирка. Кошулата била од бела свила, рачно ткаена увезена од Призрен. Кошулата на рабовите на вратот и на ракавите било обрабено со македонска оја. Фесот или фест'нката завршувале со златноткаени *пискули*. Редови на жолтици, наречени *с'ре* ги красат градите на секоја млада тетовчанка. Рековме, била слична со домашната облека на Турчинките со доплнување кога е ладно, на едно *џубе* од убаво црвено сукнои една *завијачка*. Џубето е долго и без ракави горно облекло со широки поли. За младите тоа се правело од *црвено сукно*, украсено со *срма*, а за старите од *темно сукно* опшиено со *бикме*. Сите делови се украсени со златен шаф и златноткаени ширити. Жените дома со чинтиањето на нозете носеле *налање*, а надвор од куќата со влечки (*влечќе*), преку зима со дупли волнени чораои и *калчине* или *назојќе*[2760]. Тетовската женска носија со свилата, срмата и златниците, која била рачно изработувана била вистинско ремек дело и на луѓето оставала силен впечаток.

Полна и убава тетовска женска носија со гореопишаните нејзини делови чини 30 - 40 лири, а уште толку се потребни за да ги покријат главата и градите на жената. Бугарскиот

[2758] Истото, 1/1369.
[2759] Наталија Нада Симјанова . . . цит. извор, 01. 02. 2010;
[2760] Драго Симовски . . . цит. извор, 15. 08. 2007.

учител во Тетово, Андреа Стојанов, кој бил тетовски зет, оваа носија ја проценил на 30 до 50 лири и дека уште толку лири биле потребни да се покријат челото и градите, што навистина претставувало цело богатство. Затоа оваа носија освен естеското и статусното значење имала и функција на капитал, односно како што се нарекувало во тоа време со турскиот збор *сермија.* Носијата била наследна.Секоја тетовчанка, по турските обичаи ги црта веѓите и ја црни косата, кое впрочем е контрасно со нивните бели и светли лица и ја зголемува нивната природна убавина.

Градска женска облека – ала франга.. Според едно истражување[2761], градската западно-европска женска облека за првпат се појавила околу 1900 година, кога гурбетчиите враќајќи се од земјите каде што работеле, на своите жени им носеле на поклон фустани и костими со европски крој. Така, веќе при крајот на дваесеттите и почетокот на триесеттите години на 20. век старата *ала турка* носија ја носеле редовно само постарите жени, додека помладите ја облекувале само за слави, свадби и поголеми празници[2762]. Тетовчанките кои се мажеле или се исселувале од Тетово во други места, таму ги облекувале само за празникот прочка[2763] или на костим баловите кои во тоа време се одржувале често во организација на женските здруженија или други хуманитарни организации. Новите свадбени фустани на невестите во бело, ала франга, во Тетово и понатаму се нарекувал со турцизмот *пембезар*[2764]. Од дваесеттите години во Тетово започнало следење на модата. Тоа го овозмошиле терзиите кои занаетот го научиле во поголемите европски центри, Париз, Виена, Белград. Тие за првпат употребувале кројачки шеми, таквите кројачи во Тетово биле наречени *фрнктерзие*. Меѓу нив биле Јоше Моне, Тоде Васоски Тупанче, Тодор Шуме Хаџи Наумовски, Диме Дедија, Горица Богојевиќ и др. Тие имале свои модни кројачки салони во кои занаетот го учеле повеќе ученици, така во кројачките салони на Тоде Тупанче и Горица Богојевиќ имало преку 20 ученици и работници. Девојките и младите жени во дваесеттите години носеле долги фустани, со мало деколте, спуштен струк, рачно плетени крагни и манжетна[2765].

Дотерување на косата, шминкање и китење. Косите биле долги во пунца или плетенка, наречена кујрук и тоа во обични денови косите ги сплетувале во два курјуци, кои пак ги обмотувале околу главата а главата ја врзувале со црвена шамија за да не се гледа косата, што е влијание од турските обичаи. Преку празниците, девојките курјуците ги спуштале и ги врзувале со розе свилен кардец (машна) и по еден алтан. Главата ја врзувале со к'врче. Девојките кои немале или неможеле да имаат долги коси, купувале свилено црно *бикме* и го

[2761] Истото.
[2762] Драго Симовски . . . цит. Извор, 09. 10. 2008.
[2763] Истото.
[2764] Никола Јовановски (1934 -), пензионер од Тетово, лична архива, Драго Симовски (1920 – 2010), пензионер од Тетово, лична архива.
[2765] Нада Симјанова, цит извор; Славјанка Покорни (1912 – 1996), пензионерка од Тетово, изјава 1995, лична архива Б.С.

влетувале со својата коса, односно со него ги продолжувале своите курјуци. Така сплетените курјуци ги нарекувале *прџле*. На празниците ставале и *ушнике* од една урубија, а во горниот дел изработени од сребро. Околу вратот се носеле златни низи од алтани. Жените од богатите семејства се украсувале со златни низи преку целите гради. На главата се носеле и *анселуци* низи од урубии на главата. Од накитот биле присутни и златните *алалии - бизилик* од злато, сребро и стакло.Девојките не смееле да носат прстени, затоашто тоа било срамота. Првпат можела жената да носи прстен по свршувачката, која го добивала од свршеникот[2766].

Кон крајот на дваесеттите години се појавиле и првите специјализирани женски фризери. Во раните триесетти години се носеле, скратени коси во фризури *у таласи* и фатени со штипки[2767]. Од козметиката користеле пудра (со жива) за белење на кожата која ја купувале од булите, кармини и моливи[2768]. Се променило и шминкањето на лицето, правењето модерни фризури на женски физери. Во тетовскиот локален весник *Глас Пологa*, во 1938 година излегува и напис за жената и шминката и корисни информации за тоа: *Шминкањето е убаво само тогаш ако знаеш со него да раководиш, и ако се има добар материјал, инаку тоа во очите на други станува многу непријатно. Добрата шминка никогаш не е скапа. Многу жени мислат дека ако купуваат евтина пудра, кармин за образи и усни, помада за навлекување на трепки и веѓи, лак за нокти и други средтства за дотерување нешто ќе заштедат. Меѓутоа не знаат, дека што е подобра и поскапа пудрата или карминот за лице, тој повеќе трае и помалку се троши . . .* [2769].

Меѓу првите девојки во Тетово кои ги исекле кујруците биле Мара Бунева, Наталија Богојевиќ и др. Во тетовската конзервативна средина во тоа време се појавила една изрека: *Чим жената ги исече кујруците, нема живот више.* Тоа било коментар за еманципацијата на жената и новите фризури. Во дваесеттите и триесеттите години на 20. век било модерно за поимотните тетовчани, нивните ќерки еден заб од левата горна страна да го позлатат, како украс[2770].

Машката облека на Македонците во Тетово била многу променлива. Вообичаено се состоела од *чакшири или чашире* од бело или црноплатно, широки без ногавици панталони со малку гајтан. *Само Гаљо Џорде и Јоанче Гугувче носеа чашире со шалварче* (продолжетоци на ногавиците од басма)[2771]. Минтан *фермене*, куса без ракави горна наметка, направена секогаш од црвено сукно и сошиена со гајтан и бикме. Ногавиците на гаќите се заменети со долги

[2766] ДАРМ, Скопје, цит. фонд, Десанка Аврамовиќ, О женској варошкој тетовској ношњи, 1381.
[2767] Истото.
[2768] Истото.
[2769] Глас Пологa, Тетово, Жене и шминка, 288, 4.
[2770] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 05. 2007.
[2771] Истото, 11. 08. 2006.

чорапи, нашарени на еден посебен начин[2772]. Јаките на кошулите им се плетени, големи и се носат завиени одозгора на ферменето. На половината носат голем појас[2773]. Појас со внатрешен џеб се нарекувал *ќемер*[2774]. На главата се носела капа – шубара од астраган. *Кога одеше дедо ми во Солун, се носеше со ѓета – високи кожни чевли со ѓон и со ластик од страна, пантолони – чашире од фин материјал и шубара од астраган, палто - капут од ѓабардин (тежок материјал). Изгледаше полуевропски*[2775]. Некои од мажите кои биле доселени од селата, иако добростоечки никогаш не се откажале од својата носија: *Мојот дедо се доселил од Лавце у Тетово у 1904/5 година. Тој до крај га носеу таја ношња – чашире, гуњиче, под гуњиче минтан и кошуља без крагња. На полојната појас црвен, ткаен и на крајот имаше како ресе. Когај ишоу на работа со опинци или гумени каљачи, а у град со кондуре со тока. Волнени чорапе, зима – лето. У каљачете имаше клашње од волна кафеави, како чаширете. На чаширете имаше црни гајтани а на главата црна македонска шубара. Дедо ми обавезно имаше бројанице, чибук и сат*[2776].

Облеката за секојдневно носење (*за св'ќи д'н.*) е наједноставна, без украси од грубо платно, сошиено кај абација. *Кошулата* кај сиромашните била изработена од домашно платно, додека богатите носеле од свилено или полусвилено платно, т.н. *призренско платно.* Кошулите биле долги до под колена, широка и од напред исечена до појас без копчиња. Кај некои кошули крагната и манжетните на ракавите се украсени со везени цветни мотиви до 4 цм. во широчина. Наместо копчиња на манжетните и крагната се правел *иљик* од испреплетен бел конец. Гаќите биле од турски крој со сврзување со *учкур.* Чакширите биле од два типа. Првиот тип т.н. *качанички* биле носени повеќе од муслиманското население, додека другиот тип, кој според изработката бил поедноставен го носеле христијаните во Тетово. Тие биле во две бои бели или црни. Над чакширите се опасувал појас, кај богатите бил свилен цариградски со реси во разни бои и шари а кај сиромашните од волна од домашна изработка кој го ткаела домаќинката, најчесто во црвена или темно-црвена боја. Интересно било опашувањето, кое најчесто се извршувало на тој начин што едниот крај на долгиот појас се закачувал за дрво во дворот а човекот вртејќи се го затегнувал на својата половина[2777]. Над кошулата посиромашните носеле *минтан* од клашна а побогатите од штоф. На минтанот или *џамадан* имало по неколку копчиња од седеф, а од десната страна џеб во кој се чувал саат. Џамаданот кај постарите граѓани се среќавал со поголем украсен материјал од копчиња од различен материјал, но најчесто од црн месинг, кои се набавувале од Скадар. Над минтанот постарите носеле *долама,*

[2772] А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, София, 1929, 66.
[2773] Истото, 422.
[2774] Драго Симовски . . . цит. извор, 09. 02. 2007.
[2775] Благоја Митрушевски . . . цит. извор, 02. 10. 2006.
[2776] Василије Јовановски . . . цит. извор, изјава 28. 01. 2007.
[2777] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски . . . цит. фонд, Стојко Аћимовиќ, Мушка граѓанска ношња у Тетову, 1/1362.

подоцна *гуњче – џумија* од црна клашна. Всушност тоа е помал *ќурк – гуњ* без никакви везови со кратки ракави. Во Тетово, во зимно време сите носеле *кожуф*, кои ги изработувале кожуарите. Кожуфите во триесеттите години биле заменети со *јарам капути* – (кратки капути). Позади има четвороаголно парче сукно, кое со помош на посебни копчиња се закопчува и се претвора во *ќулафка* во случај на дожд. На предниот дел има два џеба и мали украси од гајтани[2778].

Мажите носеле и *елече – фермене* кратко од црна или сина чоја извезено со свилено бикме, жолта срма. Се состоело од три дела, заден дел кој е во вид на круг и рази фигури извезени со бикме. Од напред две кратки и тесни предници нашарени со различни фигури. Ивиците на предниот дел на елечето се начичкани со голем број копчиња. Копчињата биле направени од златна срма или обично бикме, наречени *петлици*. Ферменето се изработувало во Скадар, а последните терзии во Тетово во дваесеттите години веќе биле изумрени, а нивните калфи не ги изработувале[2779]. Така во овој период, фермињата, оние кои се сочувале се носеле само во празнични денови. На нозете богатите носеле свилени а другите шарени волнени чорапи изработени дома. Чевлите – *кондуре*, биле од едноставна изработка, со големи потпетици, без копчиња. Првите европски чевли во градот ги добил за подарок за свадба Глигорие Богојевиќ, од неговиот татко кој му ги купил во Трст во 1895 година[2780].

Црвените чашири се носеле и после свадбата, освен на некоја голема свеченост, смрт или во најлош случај ако нема други чашири поради сиромаштија. Постарите луѓе носеле *шалвари* од чоја, бели чорапи од волна до колена, на главата *фес,* сличен на босанскиот со сини свилени *пискули,* а ако биле на ацилак, ацискиот фес се ишивал [2781].

Машка ала франга. Машката ала франга облека се носела порано од женската ала франга. Појавата на таквата облека се должела пред се на печалбарите и учителите. Ваквата промена не била прифатена од Турците и воопшто од муслиманите и се сметало за провокација која доаѓа надвор од Османлиското царство. Појавата на тетовскиот српски учител Настас Крстиќ во европска облека (капут, панталони и елек) во Тетово во 1873 година, било доволна причина брутално да биде натепан од локалниот моќник Есад паша, за што пишувал тогашниот српски весник *Будуќност*[2782].

Поради се поголемата употреба на европска облека а на главата наместо фес, се носеле каскети, особено во редовите на македонската интелегенција и печалбарите, предизвикувале се поголема реакција кај муслиманското население. Токму поради тоа во почетокот на 1908

[2778] Истото, 1/1364
[2779] Истото, 1/1363.
[2780] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 232, филозофски факултет . . . цит. дело, 1/1620.
[2781] Истото, 1/ 1366.
[2782] Јован Х. Васиљевиќ, Просветне . . . цит. дело, 425. Иако причините за нападот врз учителот биле политички, европската облека на него била поводот.

година, турските власти на Тетово издале забрана за носење на други капи, освен на фесовите[2783]. Меѓу народот се паметел и еден настан кој се случил меѓу двајца Македонци поврзан со носењето на шешир кога Тетово се уште било во составот на Османлиската империја: *Аџи Ѓоџе, кондураџијата, когај излегол од црквата Св. Никола и се движел некеј црквата црквата Св Ќирил,* (тогаш се уште во изградба) *се шетал со шешир на глава. Когај дошоу пред дуќанот и куќата на Коџе Момировски басмаџијата, Коџе му го слимнау шеширот, тогај га викале капела, и со тесла му га искинау и му дау фес. Тогај Коџе рекоу: Што ти требе зелен калпак, вариќи мор фес (имајќи црвен фес) на глава. Коџе работеу у уќуматот и затоа го направеу тој гест*[2784].

Во дваесеттите години на 20. век традиционалните одела масовно го отстапувале просторот на оделата *ала франга*, кои се изработувале и во Тетово од неколку школувани кројачи наречени *френктерзии*, а абациите работеле само за потребите на луѓето од село[2785].

Косата на тетовските христијани била без исклучок кратка. Носењето на накит кај мажите во Тетово се среќавал најчесто преку носењена прстени, кои ги ставале од задоволство, *од мерак* или доколку ги добиле како подарок, најчесто од роднините на печалба, *гурбетчиите*[2786]. На старите фотографии се гледа дека Македонците во Тетово носеле и сребрени ланци, т.н. *ќустеци*, кои биле омилени на Турците. Нивната изработка била филигранска. Во украсите спаѓале и часовниците, кои кај побогатите биле во злато или сребро и изгравирани со посебни украси или иницијали. Еден од статусните симболи била и *табакерата* за тутун, која како и *часовникот*, од нејзината изработка и состав се глаедал статусот на нејзиниот сопственик. *Бројаниците* ги носеле возрасни мажи и ги имало од најразличен вид и материјал.

Традиционални капи, кон крајот на дваесеттите години биле заменети со качкети, кои ги прифаќале младите[2787]. Побогатите носеле европски шапки, *помпе*. *У Тетово некои имале цилиндри, ама не ги носеа од срам*[2788]. Во зависност од економската положба на поединците како и на градот се менувала и облеката, во стара или нова, ала турка или ала франга или пак комбинација на тоа што има да носи. Така во дваесеттите години на 20. век, кога градот бил во тешка економска состојба како последица на војните, најчестата глетка на облеката на тетовчани била шаренило од традиционалната носија и излитени остатоци од некогашно одело. *Оттаму не било чудно да се видат некогашните богати занаетчии, како над одраните*

[2783] Тетово и Тетовско . . . цит. дело, 284.
[2784] Драго Симовски . . . цит. извор, 14. 11. 2008.
[2785] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, цит. Фонд, 1/1346;Драго Симоски, пензионер од Тетово (1920 - 2010); Ѓорчески Борис - Ципа, пенсионер, Тетово, (1911 - 2011).
[2786] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет . . . цит. фонд, 1/1365.
[2787] Драго Симовски . . . цит. извор, 06. 06. 2006.
[2788] Истото, 11. 05. 2007.

чакшири облекле некој исцепен жакет-сако и на главата ставиле еден обичен качкет . . .[2789]. За да се направи машка фризура, младите ставале на косата *ореово масло* и се правела мушка андулација на бербер, а се ставале и мрежички, за да се задржи формата при спиење[2790]. Како и секаде така и во Тетово, постоеле мажи кои преку облеката се истакнувале, го нагласувале или пренагласувале својот статус или ги прикривале некои свои слабости. Таквите ги нарекувале како *прчле, битле, донжуан, кицош* и сл. *За кицошите се велело дека ќе го прокоцкаат татковиот имот и дека не ќе може да се ожени со умна и богата девојка "од оџак", т.е. од угледно семејство. Кицошите и другите сметале дека убаво одело е она кое е ново, добро изработено и украсено а не внимаваат оделото да им биде удобно. Ваквите одела ги изработуваат домашните терзии со асистенција на абаџиите*[2791]. Момците пред женење носеле лакирани чевли и пантолони со англиски ширит[2792].

[2789] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски факултет во Скопје, 1922 – 1941, АК. 42, 1/1357,
[2790] Драго Симовски . . . цит. извор, 30. 08. 2006.
[2791] ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 323, Филозовски . . . цит. фонд, 1/1360.
[2792] Драго Симовски . . . цит. извор, 11. 05. 2007.

ЗАКЛУЧОК

Потеклото на македонските семејства во Тетово е клучниот фактор кој влијаел врз образувањето на менталитетот и културата на живеењето на оваа микро средина.Освен старите тетовски семејства за кои со сигурност се знае дека живееле во градот со векови наназад, во 19. век во градот се доселувале голем број на македонски семејства од Горни и Долни Полог, мијачките и реканските села, Скопски Дервен, Поречието, Македонците од источна Албанија, Србите од Косово и Власите од југо-западните делови на Македонија. Тие сите во периодот од едно столетие станале дел од македонскиот супстрат. Сите овие семејства, со иста вера, исти услови на живеење но со различни навики и обичаи кои ги носеле со себе од краиштата од каде што потекнувале учествувале во градењето на заедничката култура на живеење. Секоја од овие групации на семејства со нешто свое учествувале со давањето на и во исто време прифаќањето од другите.Власите и Србите лесно го прифатиле македонскиот народен јазик, односно говорот на тетовските Македонци а во исто време влијаеле врз културата на живеењето, секојдневните навики, менталитетот и дел од традициите, особено на Власите.

Периодот од 1900 до 1950 година, за градот Тетово и воопшто за Македонија е еден од најбурните и најспецифичните периоди во нивната историја. За тие 50 години, како релативно кус историски период се случиле мошне бурни и големи настани кои имале огромно влијание во понатамошниот период не само врз историјата на македонскиот нација и држава, туку и врз секојдневниот живот на обичниот човек. Тие 50 години во себе содржат три различни општествени системи, 6 различни режими, 4 војни, едно востание, младотурската револуција и две светски економски кризи.Сведок за сите тие драматични настани можела да биде и била и само една генерација. *Но, во овој период се случиле и два најзначајни процеси кои паралелно се одвивале а тоа се процесите за* ***создавањето на македонската држава и македонската нација.***

На горенаведениот период му претходел, мошне долг период на Османлиско владеење кој траел повеќе од 5 века, кој е многу различен од предходниот, во кој, пред се, промените се случувале многу тешко и многу споро. Генерациите по 1900 година, добро се сеќавале и на овој период а тие луѓе во себе ги имале и искуствата на нивните предци.

Споредувајќи ги двата периоди доаѓаме до заклучок дека тие драстично се разликуваат, иако промените дошле за мошне кратко време. Периодот од првата половина на 20. век, го карактеризираат во исто време, ***брзите општествени промени***, најстрашните до тогаш војни на човештвото, промените на туѓите режими и непрестајната борба за национална слобода на

Македонците од овие простори од една страна, и од друга страна речиси шокантните промени во секојдневното живеење на обичните луѓе.Така меѓу обичните Македонци во почетокот на 50-тите години на 20. век, кои биле вработени во државни фабрики или биле државни службеници и го *граделе социјализмот*, а кои го преживеале периодот од првата половина на тој век, се наоѓале *некогашни војници* на турската, српската, бугарската, југословенската или албанската војска, меѓу нив биле *некогашни комити* на Македонската револуционерна организација, учесници во Младотурската револуција или *некогашни партизани, некогашни пратеници* во османлискиот или кралскиот југословенски парламент, некогашни државни службеници на сите набројани режими, *некогашни занаетчии* или *банкари, некогашни печалбари, некогашни бегалци или некогашни заробеници,* односно луѓе со многу траги на времето како резултат на бурните времиња и премрежиња. Тие драстични промени предизвикувале успони и падови, од позиции на власт до затвори, од потчинетост до слобода, од богатство до сиромаштија, од мир во војна и сето тоа обратно.

Она што било секојдневие на македонскиот човек ина македонското семејство во претходниот период и кое речиси не трпело позначајни промени мошне долг период, се нашло под удар на новото време во бурниот 20. век. Тие промени се одвивале како на филмска лента.

Раѓањето на модерната приватност и приватниот живот, во македонската средина доаѓа со големо временско заостанување зад истите процеси кои се одвивале во западна и северна Европа, но и во однос на некои соседни народи кои уште во 19. век успеале да се ослободат од османлиското владеење, да создадат свои национални држави кои вовеле европски системи, закони и организација на животот и работењето.

Токму затоа овој процес на *излегување на граѓанската единка од приватна во јавна свера*, забрзано се одвивал во тетовската градска средина во првата половина на 20. век. Старото на заминување не можело да се избрише како на хартија, а новото кое надоаѓало, не секогаш било прифаќано така лесно. Сепак промените биле незадржливи и видливи на секој чекор. Покрај старите трошни куќи направени од плит и кал се граделе, нови плански куќи од тврда градба. Покрај ановите се граделе хотели со модерни ресторани; на улицата се разминувале *арабаџиските коли* со новите *фордови* и *цитроени* како и луѓе облечени во традиционална облека со луѓе облечени во европски одела.Додека во куќите во горниот дел на градот се одржувале повечеринки, веќе во долниот дел на градот во новите приватни куќи и хотели се организирале журки, соареа, матинеа и кермези. Во куќите навечер светеле кандила и петролејски ламби кога во исто време во соседните нови станбени објекти светеле електрични светилки и т.н.

Неколку процеси кои се одвивале во овој период влијаеле врз забрзаните промени врз целокупниот секојдневен живот:

1. ***Промените на трите политички системи за само 50 години***: султановото владеење со чифлигарскиот систем и локалните бегови и паши (со примеси на феудалниот тимаро-спахискиот систем), капиталистичкиот систем со појавата на фашизмот и социјалистичкиот систем во својата почетна фаза (диктатура на пролетеријатот), *е мошне ретка појава во европски и светски рамки.*И покрај владеењето на ***туѓите режими***и сите тие негативни тенденции кон македонскиот народ, луѓето сепак морале да живеат, да се борат за нивниот опстанок и опстанокот на нивните семејства. Во одредени помирни временски периоди во таквите режими меѓу Македонците се издвоиле и слоеви на поимотно граѓанство. Тоа значело дека некои од нив економски добро живееле и во такви услови - заклучок кој неможеме да го сретнеме во историската литература создавана во социјалистичкиот период.

2. ***Војните*** вршеле сурови промени со далекусежни последици, носејќи со себе жртви, страдања, епидемии, глад и насилни миграции.Многу семејства биле десеткувани, дури некои и сосема физички исчезнале. Раздвојувањето на мажите од своите семејства, неизвесноста за животот, суровоста на случувањата предизвикувале промени во гледиштата кон традиционалниот живот и позабрзан процес на прифаќањето на јавниот живот, различни гледишта кон семејството и единката.

3. ***Печалбарството*** е процес, кој речиси незабележливо врши трајни промени во семејствата, ги раздвојува мажот од жената и децата, ги менува сваќањата за животот, носи нови сознанија и модернизација, наметнува нови навики во начинот на живеењето, а голем број семејства засекогаш ги откинува од родната грутка. Го поттикнува издвоениот живот, распаѓање на традиционалната голема семејна заедница, но и поттикнува разводи, како последица на долгите години раздвоеност. Печалбарите носеле свеж капитал, вложувале во нови објекти, но печалбарството влијаело, многу семејства засекогаш да се исселат од родниот крај и предизвикувало демографски промени.

4. ***Другите народи и култури*** врз Македонците во Тетово имале влијание низ спонтан процес кој имал и свој обратен правец. Меѓусебните влијанија биле понекогаш против волјата но најчесто се преземале позитивните придобивки, ги зближувало различните култури и создавало заедничко чувство на припадност на географската средина.Тетовчаните кои во чаршијата изградиле еден посебен градски начин однесување, без оглед на нивната национална и верска припадност, сите за себе велеле дека се стари граѓани или на турски *ески касабајли*, со што ги нагласувале заедничките придобивки и чувството дека припаѓаат во едн значаен сегмент, на иста групација. Тие вредности се покажале како мошне значајни токму во најтешките моменти, за време на војните, кога радикалните политички промени и констелации ги впрегнувале, за своите цели, масата припадници на етникумите во виорот на

националистичките борби и судири. Во таквите најкритични моменти на неразумност и безаконие, граѓаните знаеле да се заштитуваат едни со други.

5. ***Образованието*** кај Македонците од Тетово било силен фактор на промени, носело писменост, образование, можност за приближување на светските текови и нивна постапна но често и селективна примена во традиционално конзервативната средина. Ако во периодот на втората половина на 19. век среќаваме десетици високо-образувани кадри кои во најголемиот дел својот работен век го продолжуваат во поголемите балкански градови, веќе во првата половина на 20. век, факултетско образуваните тетовчани се бројат во стотици, а нивниот број кои продолжиле да работаат во Тетово се зголемувал. Не случајно, странските пропаганди биле најмногу инфилтрирани во образованието, со што овој сегмент добил и една негативна димензија на однародување на Македодонците, нивна национална или партиска поделеност со несогледливи негативни последици во понатамошниот тек на македонската борба за национална држава.

6. Појавата на ***државните институции*** во градот кои во османлискиот период или не постоеле или не ги задоволувале вистинските потреби и барања на народот влијаеле позитивно врз секојдневниот живот на населението.Грижата за социјално загрозените семејства, децата без родители, старите лица, за здравјето и образованието на граѓаните, во овој период преоѓаат од народна социјала, народна медицина, традиционално воспитување, народно образование во свои социјални, здравствени и образовни институционални формиорганизирани и контролирани од државата. Традиционалните спортски игри, преоѓаат во организирани и најголемиот дел од нив превземени и научени во другите европски држави. Народната песна и народната игра кои имале свои спонтани речиси ритуални форми стануваат дел од репортоарите на голем број музички состави, се преработуваатхорски изведби кои ги изведуваат тетовските хорови, солистички концерти, а за првпат дел од нив се емитувале на брановите на Радио Белград и Радио Скопје.

7. Појавата на ***електричната струја***, им овозможи на тетовчани драстично да го менуваат начинот на живеење и работење, да им се приближи светот преку радиото, непосредно во нивните домови. Го модернизираа производството, во занаетчиските дуќани се повеќе се купуваа машини на електричен погон. Ги направи горди што ја изградија првата хидроцентрала во Македонија.

8. Појава на ***индустриски стоки*** и појавата на нова материјална култура го загрозувала опстанокот на доминантниот занаетчиски слој и го приморувала да размислува за прилагодување на пазарот. Во занаетчиските дуќани индустриските производи, особено влијаел врз употребата на нови алати, електрични машини, методологијата, квалитетот и квантитетот на производите. Традиционалните занаети со традиционалните алати и технологии

полека се намалувале и исчезнувале отстапувајќи го местото на новите занаети и првите индустриски капацитети. Сепак индустриските производи влијаеле врз квалитетот и промена на секојдневните навики и севкупната потрошувачка култура. Во домовите се повеќе се напуштале традиционалните предмети со нови и пофункционални предмети и апарати, кои влијаеле врз подобрување на условите за живеење, го зголемиле комодитетот во домовите, употребата на *предметите кои имале строга наменска функција* се збогатил со *предмети кои имале естетска димензија*, различноста на индустриската стока го направил различен и изгледот на собите за живеење, кој дотогаш изгледал речиси унифициран. Со отворањето на фабриката Тетекс во 1951 година, симболично и фактички завршува периодот кој е тема на овој труд а со тоа и доминацијата на занаетчиството во градот како основна егзистенцијална дејност а приматот го превземаат крупните индустриски капацитети.

9. *Медиумите* во Тетово, во овој период, влијаат драстично врз јавниот живот. Македонците во овој град кои едвам се приближуваат до бројката од 10.000 имале најмалку 4 ***локални весници***, свои новинари дури и нивно здружение уште во 1938 година. Преку локалните весници забрзано се одвивал процесот на промени, во кој традиционалните обичаи се заменувале со модерните трендови, поимот за *интимно* преминувал во поимот *јавно*, а тоа предизвикувало послободно искажување на лични ставови, можност за јавна критика дури и јавна навреда. Јавната полемика го пробивала просторот за демократизација на мислата, но медиумите станале и експоненти на режимите. Во Тетово се појавува дури и локален опозициски весник *Тетовске новине* на уредникот Виктор Аќимовиќ. Тој храбро пишува за слабостите на претставниците на власта, открива слабости во работата на државните органи, а пишува и за злоупотреби на јавните функции. Тетовските весници за првпат градат јавното мнение и влијаат врз него. Се појавуваат и неколку илегални весници, кои се дел од отпорот кон окупаторот. Тетово како град со електрична струја, меѓу првите во Македонија ги користел благодетите на новиот медиум - ***радиото***, кое за граѓаните отворило некои нови видици и непосреден аудио информативен простор подалеку од локалното и регионалното. Посебен медиум на тетовчани кој силно влијаел врз промените во приватноста се *градските приватни* ***кина*** кои преку играните и документарните филмови на најнепосреден аудио-визулен начин ги пренесувале на граѓаните сите одлики на секојдневното живеење на модерниот, претежно западен стил. ***Книгите*** стануваат се подостапни за читателите, не само со појавта на училишните библиотеки и Читалната на тетовската младина, туку и на се поголемиот број писмени граѓани. Користењето на книгите, весниците, слушањето на радиото и посетата на кината е нова модерна појава, речиси незамислива за најголемиот број на тетовчани до крајот на 19. век.

Ваквите промени за првпат продуцираат ***слободно време***, кое се пополнува со форми на културно, спортско, рекреативно и туристичко поле. Влијанието медиумите уште посилно го

поттикнувал развојот на културолошките појави, односно организирани појави на културно дејствување и креативност: појава на прозни и поетски творби, театарските, музичките и хорските групи, спортските и рекреативни клубови, модни салони, каде што младите тетовчани од апсорбенти прераснуваат во интерпретатори, создавачи и реализатори на културни вредности од локално, регионално и национално значење, а жената рамноправно учествува во тоа.Преку туристичките и планинарските друштва, тетовчани се одметнуваат во потрага и запознавање на непосредната околина и културните и природни убавини на татковината.

Најсилните промени кои ги донел овој период се секако ***промените внатре во македонското семејство***. Се растурале големите семејни заедници. Започнал процесот на двоење од семејната заедница на синовите од куќата на родителите, кога формирале свои семејства. Образованието многу млади луѓе ги насочило на нови дејности и миграции во поголемите средини.

Жената од неписмена или полуписмена домаќинка се повеќе станувала образувана, квалификувана, еманципирана жена која ја променила и својата позиција во семејството. Жената се повеќе била во можност да одлучува сама за својата судбина и судбината на своето семејство. Таа сама започнала да го бира својот животен партнер, а се зголемувал и бројот на разводи кои до почетокот на Втората светска војна изгледал речиси невозможен. Од ден во ден се зголемувала нејзината општествена улога како учесник и креатор во јавниот живот.

Децата кои во Османлискиот период, главно се усмерувале кон занаетите уште од нивната петгодишна возраст, по Втората светска престанале да бидат работна сила и исклучиво се насочувале кон образование.Грижата за нивното здравје, социјална состојба заштита и нормален развој се повеќе преминувала во рацете на државата.

Изразувањето на политичките ставови, незадоволството, подршка и друго, преку јавни масовни манифестации и покрај нивната честа забрана, стануваат дел од секојдневието и на Тетово. Во првата половина на 20. век за првпат во Тетово се појавуваат и првите организирани форми на отпор кон социјалната неправда и беда. Се појавуваат првите штрајкови на работниците, бојкоти на работни задачи, демонстрации на занаетчии и сл.

Сите гореспоменати промени предизвикувале ***отпор*** од страна на традиционалното, односно судир меѓу јавното и приватното.Занаетчиите се бунтувале против *индустриската стока,* свеќарите ги прекинувале жиците на електричните столбови и т.н. Сепак народот имал чувство и сила да ги надживее сите промени, проблеми и предизвици.

Она што беше најзначаен процес во тој половина век, е тоа што тетовчани беа активно вклучени во *борбата за* ***македонска државност*** која започна кон крајот на 70-тите години на

19. век и заврши со создавањето на македонската држава во 1944 година. Тоа пак овозможи слободен и покреативен и институционален ***национално - културен и социолошко - економски развој*** но и во сите свери на живеењето, иако социјалистичкиот поредок создаваше и пречки за развој на демократската мисла. Најистакнатите стручни кадри, активно се вклучиле во основањето и на поважните државни институции на македонската држава.

Еден од најголемите национални белези, секако е ***јазикот***. Тетовскиот дијалект е еден од дијалектите на македонскиот јазик. Во периодот од почетокот до средината на 20. век, македонскиот јазик во Тетово, како и во другите краишта на Македонија бил изложен на негово присвојување како дијалект на српскиот и бугарскиот јазик. Но неговата посебност, како дел од македонскиот народен јазик, го забележале повеќе истражувачи, а достапните документи и кореспонденција, покажува дека и покрај неговата изложеност на исчезнување, тој сепак бил во секојдневна употреба, не само усно, туку и тој го среќаваме и во занаетчиските и трговски тефтери, во меѓусебната преписка на граѓаните, во писмата на граѓаните до црковните претставници, на печалбарите до своите роднини, во прозните дела на битовите драми, поетските творби, во локалните весници, во изведбата на театарските претстави, во сите народни песни од овој крај, во најголемиот дел на хорски изведби на тетовските хорови и т.н. Овој период е карактеристичен и по најголемиот притисок на српските, бугарските, па и албанските власти да се воведе туѓиот јазик меѓу Македонците во Тетово, преку училиштата, разните културни и спортски друштва, црквата, административниот апарат и други пропагандни методи и инструменти, но во тоа очигледно не успевале со оглед на манифестирањето на македонскиот народен јазик во сите погоре споменати облици. Токму во овој период, конечно при крајот на 1944 година по ослободувањето на Македонија, во тетовската гимназија и основните училишта започнала наставата на македонскиот литературен јазик, со што се остварile стремежите на многу Македонци од повеќе генерации.

Најголемото место на заштита на идентитетот и народните белези било*семејството*. Кога религијата за време на социјалистичкото уредување станува мошне ограничена и строго контролирана, граѓаните на Тетово скришум ги крштеваат своите деца, за да го сочуваат највредното во неа. Религијата како дел од најинтимните чувства на човекот, на приватното, останува непокорена во животот на Македонците.Ако чаршијата и градските институции биле места каде што се судирале многу туѓи интереси, прагот на куќата го чувал и негувал јазикот и сите други етнички белези на народот. Огништето и домот, каде што се раѓале децата и растеле со мајчиниот јазик и ги примале спонтано и природно сите македонски обичаи биле најголемиот бедем против одродувањето на обичниот човек - Македонец.

Една од најголемите промени кои се случиле кај Македонците е всушност процесот на распаѓањето на големите семејни заедници,каде што родителите живеат и делат сè со

семејствата на своите машки деца, внуци па дури и со еден или двајца браќа на носителот на заедницата и нивните деца и создавање на семејства каде што покрај родителите живее само еден од синовите со своето семејство. Големите семејни заедници од 19. век кои можеле да бројат и преку триесет членови, кон средината на 20. век, во најголем број случаи, се свеле на максимум двајцата родители со семејствата на еден или двајца од синовите и нивните деца. Просекот на новородените деца исто така се смалувал. Заради настанатите општествени промени, сè повеќе се појавувале ***семејства сонови навики***, особено промената на местото и улогата на жената, на кои исто така тогашната средина им одредувала извесни морални казни, силна критика за правење семејни веселби надвор од куќата, изразено негодување на средината кон првите брачни парови кои се издвојувале во посебни живеалишта од родителите и поширокаата семејна заедница, и се поголемото трошење на дел од семејниот буџет за уживања во мода, накит, рекреација, спорт, културни збиднувања и т.н., но сето тоа претставувало само оддек на старите времиња кој полека се губел во виорот и динамиката на новото.

И покрај се, Македонците во Тетово, особено младите, за кратко време ги увидуваа промените како ***позитивен процес***. Кај нив се појавува желба за напредување и како да постоел натпревар меѓу семејствата за прифаќање на новото. Како да сакале да избегаат што побргу од традиционалниот живот и да се вклучат што поскоро во новите европски текови зад кои заостанувале поради историските околности и кои долго време ги изолирале и на кои, со право сметале дека им припаѓаат.Во многу семејства децата се образуваат во средни училишта и факултети во поголемите центри на Балканот: Скопје, Солун, Истанбул, Белград, Софија и Букурешт, а не е мал ниту бројот на диплонираните во Швајцарија, Австрија, Франција и други европски држави. Во домовите се појавуваат и првите приватни библиотеки, но во поголем број семејства младите учат да свират на музички инструменти за што во градот се појавуваат и неколку приватни музички школи. Главниот носител на културниот живот во 20-тите години е *Читалната на тетовската младина* од која, покрај фондот на книги, произлегле хорот *Бинички*, фудбалскиот клуб *Љуботен*, шаховскиот клуб, театарската дилетантска група, работничкиот умиверзитет, поголем број на промоции и предавања. Младите масовно се вклучени во дваесеттина музички инструментални состави и хорови, спортската култура доживува вистински процут со 19 фудбалски клубови, развиено планинарство и скијање.

Почетокот на периодот кој е предмет на ова истражување (почетокот на 20. век) е меѓникот, кога Македонците, од овој град во северозападниот дел на Македонија, ги зафаќа бранот на промени на феноменот *ала турка - ала франга* и чии резултати се начин на живеење кој и во почетокот на на 21. век се главната карактеристика на приватниот живот и секојдневие на тетовчани. Крајот на овој период (50-тите години на 20. век) е почеток на индустријализацијата на градот со кој сите претходно наведени процеси добиваат една силна динамика на промени која од деценија во деценија има свое побрзо темпо на модерно

живеење.Во спротивставеноста меѓу феномените *ала турка* и *ала франга* или поконкретно, ориенталната и западната култура се наоѓа поголемиот дел на Балканот во кој спаѓа и градот Тетово. Од многуте набројани промени која најжилаво и најспоро се спроведувала е промената во менталитетот и социјалната психологија. Таа промена која и до денес не е завршена е главната карактеристика на тетовчаните во периодот кој го обработува оваа книга. Во текстовите на љубопитните набљудувачи кои го посетувале Тетово но и од критичките текстови во тетовските локални весници во првата половина на 20. век јасно се препознаваат измешаните балкански социо-психолошки карактеристики: хуморот и цинизмот, сожалувањето и завистa, солидарноста и ситењето, силно нагласена приврзаност кон верата итрадиционалните обреди, патриахалното семејство, надитрувањето и етикетирањето, озборувањетои завистa, љубоморно чувана домашна интимност и непочитување на туѓата приватност, хигиената во домот и нехигиената во јавниот простор, домаќинлокот во куќата и неодговорноста кон општествениот имот, стари навики од ропството во однесувањето кон другите - понизност кон посилниот и во исто време надменост над послабиот, печалбарска но не и претприемничка филозофија, работливост и мошне ретка појава на питачење, речиси несвојствена појава кај Македонците и т.н.

Иако Тетово како град никогаш не бил центар на некои посебни случувања ни во време на војните и востаниата ниту во време на мирот, сепак Македонците од овој град дале свој значаен придонес во повеќе сегменти од животот на Р. Македонија. За време на Илинденското востание, тетовчани се важен сегмент за производството и набавката на оружје и муниција за македонските чети, не мал број на Македонци од градот учествувале како доброволци во востанието во оние региони каде што имало борби, а многумина ги дадоа и своите животи. Не е мал бројот на оние кои ги вложија своите животи и во Втората светска војна. Во здравството Тетово, покрај првиот дипломиран лекар, и првиот дипломиран фармацефт во Македонија, дава плеада на истакнати здравствени работници, пред се доктори по медицина кои ќе дадат голем придонес во развојот на медицината во Македонија, ќе учествуваат активно во создавањето на врвните македонски здравствени установи како и на медицинскиот факултет. Со потекло од Тетово сè и врвни лекари и универзитетски професори во Белград, Софија, Букурешт и други центри на Балканот. Во областа на уметноста, тетовчаните се истакнуваат во организираниот музички живот на НР Македонија, каде што во Македонската филхармониа, Македонската опера и балет и оркестарот на Радио Скопје свој значаен и неизбришлив белег оставаат токму основачите на овие установи, кои биле диригенти, композитори и истакнати солисти. Во областа на спортот Тетово дало свој голем придонес како перјаница на неколку спортови во Македонија, пред се фудбалот, планинарењето и скијањето, по Втората светска војна и во одбојката, пинг - понгот, тенисот, кошарката и другите спортови.

БИБЛИОГРАФИЈА

Необјавени документи од фондови и збирки

- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 175, *АСНОМ,Скопје, (1944 - 1945)*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 722, *Богојевиќ,трговци, Тетово,(1867 - 1918).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 737, *Момировци, трговци, Тетово, (1883 - 1913)*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 817, *Настев Стефан, трговец, Тетово, (1908 – 1914).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 2, *Околиска управа - Кајмакламак Тетово (1869 / 1912).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 11, *Општинска управа Тетово (1869 / 1912).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 24, *Околиска управа Тетово (1912 / 1915).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 105, *Општинска управа Тетово (1915 - 1918).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 229, *Првостепен суд Тетово (1941 / 1944).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 323, *Филозофски факултет Скопје (1920 - 1941).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 324, *Универзитет "Цар Борис III", (1943 / 1944).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 331, *Главен учител Тетово (1887 / 1912).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 328, *Училишно настојателство (1897 / 1912).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 376, *Извозна и прометна банка, филијала Тетово (1921 / 1940).*
- ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 377, *Албанска народна банка, - Тетово (1941 - 1944).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 430, *Обласен комитет на КПМ Тетово (1942 / 1944).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 462, *Месен комитет на КПМ Тетово (1941 / 1945).*
-ДАРМ, Скопје, ф. бр. 1042, *Претседателство на министерскиот совет на Кралството СХС,* Белград, Централно прес биро.
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 498, *Тетовско архиерејско намесништво (1890 - 1912).*
- ДАРМ, Скопје, Ф. 159, *Председателство на Владата на НРМ, (1944 – 1963).*
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 885, *Републички секретаријат за внатрешни работи (ОЗНА/УДБ), (1945 /1946).*
- ДАРМ, Скопје, Фонд бр. 908, *Уставен суд*, 1945/1972.
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 1300, *Виктор Аќимовиќ, Тетово, Скопје, (1915 / 1987).*
- ДАРМ, Скопје, ф. Бр. 1036, *Министерство за земјоделие и вода на Кралството СХС, Белград,(1922 – 1941).*
- ДАРМ, Скопје, Ф. Бр. 170, *Министерство за просвета, Белград,* (ксерокс) Тетовска гимназија, (1932 – 1940).
- ДАРМ, Скопје, Ф. бр. 1042, *Претседателство на министерскиот совет на Кралството СХС, централно прес биро, Белград*, (1929 – 1940).
- ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија) Усепјанов Аритон, Борис Николов, Борис Стојанов, Борис Несторовски, Никола Карев, *Земјоделско-стопански основи на Полог*, Книга 1 и книга - прилози, Скопје, 1953
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. *Црковен суд Скопје*, АК. 256, Фасц. 6.,
- ДАРМ, Скопје, Министарство иностраних послова Краљевине Србије, Просветно – политчко одељење, М-ф. Бр. 606.
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 2, *Градско поглаварство Тетово.(1919 - 1941).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 5, *Геодетска управа Тетово (1928 - 1946).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 6, *Шумска управа Тетово (1919 - 1941).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 24, *Општинска управа Тетово (1941 - 1944).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 26, *Окружен народноослободителен одбор - Тетово (1945 - 1946).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 28, *Околиски народен одбор (1945 - 1955).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 57, *Собрание на општина Тетово (1944 - 1965).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 119, *Мировен суд Тетово, (1943 - 1944).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 121, *Ниже женско професионално училиште Тетово (1945 - 1962).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 122, *Основно музичко училиште Тетово (1950 - 1962).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 126, *Тетовска кредитна банка Тетово (1928 - 1940).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр.127, *Тетовска трговска индустриска банка Тетово (1928 - 1943).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 129, *Тетовско идустриско акционерско друштво Тетово (1922 - 1944).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 130, *Занатско-набавна потрошувачка кредитна задруга - Тетово (1926 / 1941).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 136, *Основен задружен сојуз Тетово (1945 - 1963).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 147, *Кредит информ - трговско известителен и инкасо завод (документација за Тетово) - Белград (1920 / 1941).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 154, *Месен комитет на СКМ Тетово (1945 - 1950).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 156, *Околиски одбор на ССРНМ Тетово (1945 - 1965).*

- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 168, *Здружение на занаетчиите на долно полошка околија Тетово (1921 - 1966).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 169, *Околиски одбор на КПЗ Тетово (1947 / 1965).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 170, *Младинско фискултурно друштво Љуботен, Тетово (1947 / 1965).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 171, *Православно архиерејско намесништво Долни Пролог, Тетово, (1936 / 1941).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 172, *Православана црквена општина Тетово (1932 / 1942).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 176, *Црква Св. Богородица Тетово (1920 / 1944).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 178, *Црква Св. Кирил и Методиј Тетово (1923 / 1943).*
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 207, *Земјоделско училиште Тетово,* (1928 – 1944).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 207, *Земјоделско училиште Моша Пијаде*, Тетово, (1945 -).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 211, *Училиште за ученици во стопанството*, Тетово (1945 – 1949).
- ДАРМ Одд. Тетово, ф. Бр. 212, УЗУС *Ѓоце Стојчески*, Тетово, (1949 -).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 278, *Услужен сервис Борче Кочоски*, Тетово, (1948 – 1958), АК – 1.
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 553, *Боро Јосифовски, новинар,* Тетово, (1932 - 1981).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 225, *Тетовски првостепен суд,* Тетово(1919 - 1940).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 243, *Музеј на Тетовски крај* – Тетово (1950 -).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 280, *Окружен одбор на занаетчиски здруженија во Тетово за околиите Горнополошка, Долнополошка, Кичевска и Галичка,* Тетово(1933 - 1941).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 450, *Тетовски првостепени суд Тетово*, Тетово (1919 – 1940).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 452, *Околиски суд Тетово* (1945 – 1964).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 766, *Зарија Петрев Ѓорев,* Тетово, (1897 - 1920).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр.505, *ГимназијаКирил Пејчиновиќ,* Тетово(1945 – 1973).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 545, *Пионерски дом Братстство – Единство,* Тетово (1949 – 2001).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. Бр. 608, *Градски театар*, Тетово, (1951 – 1959), кут. 2.
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 746, *Бигорски научно-културни собири* - Гостивар (1977 – 2000).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 681, *Окружен комитет на КПМ* - Тетово (1945).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 687, *Околиски народен фронт* –Тетово (1945 – 1965).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 717. *Кралевски протопрезвитеријат во* Тетово,(1919).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 718. *Православен окружен протопрезвитеријат во Тетово*, Тетово (1920 - 1924).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 719 *Православен окружен протојерej*, Тетово, (1928 - 1932).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 733, *Браќа Момировски и Апостоловски Петре, Трговци,* Тетово, (1914 / 1915).
- ДАРМ, одд. Тетово, *Стеногравски белешки од состанокот со учесниците во НОБ во Тетово*, 5 и 6. 12 1955, Тетово.
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 748, *Алексовски Михајло, трговец* - Тетово (1900 / 1965).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 727, *Бојаџиевска Мира* - Тетово, (1908 - 1919).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 736, *Брезјанин Ристо, лекар,* Скопје, (1968).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 731, *Кочовиќ Јован, трговец,* Тетово, (1870 / 1924).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 734, *Мокров Боро, новинар,* Скопје, (1880 /1909).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 729, *Павловски Славе - Бутика,*Тетово(1905 /1943).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр.741, *Спириќ Крсто,* Тетово, (1920 - 1940).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 652, *Збирка на весници и гласници - Тетово и Гостивар*, (1928 / 2005).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 642, *Збирка на матични книги, тетово и тетовско* - Тетово (1850 - 1956).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 647, *Збирка на ксерокскопирани документи и статии за тетово и тетовско* - Тетово (1852 / 1942).
- ДАРМ, Одд. Тетово, ф. бр. 769, *Мирчо Савовски,* Тетово (1926 / 1957).
- ДАРМ, Одд. Тетово, Сеќавања и документи за НОВ во Тетово и Тетовско.
- ДАРМ, Одд. Тетово, *Стеногравски белешки од состанокот со учесниците во Народноослободителната борба во Тетово*, одржан на 5 и 6. 12. 1955 година во Тетово, ЦК СКМ - историско одделение, Скопје, 1955.
- Матична библиотека *Кочо Рацин,*Тетово, *Марковиќ Јован, Значај књижнице,* Тетово, ракопис 6 стр. 1922.

Објавени документи.

- **Азбучни** именик адвоката и адв. Приправника, Адвокатска комора, Скопље, Скопље, 1940.
- **Архивите** говорят, 26, *Четитена В трешната Македоно - одринска революционa организация*, Главно управление на Архивите при министерския съветна Република Бългaрија, София, 2003.
- **Архивни** Справочници, Главно управление на архивите при министерския съвет, *Македоно-одринското опълчение 1912 - 1913*, личен състав, второ издание, София, 2007,
- **Велјановски** Новица, **Рихлик** Јан, *Чехословачки документи за Македонија (1934 – 1939)*, книга 2, Скопје, 2007.
- **Вујичић**, Мил. Ант., *Речник места у ослобоУеној области Старе Србије*, Београд, 1914, 139 - 142.
- ***Дефинитивни** резултати пописа становништва од 31. јануара 1921 год.* Краљевина СХС, Општа државна статистика, Сарајево, 1932.
- ***Документи** за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 1981.
- **Државна** реална гимназија у Тетову, *Извештај за школску 1934 – 1935 год*, Тетово, Јадран, 1935.
- ***Државни** календар Краљевине СХС* за годину 1924, Београд 1924.
- **Дракул** Симон, *Македонија меѓу автономијата и дележот* (руски документи), том втори, Скопје, 1997.
- **Дринов** Марин, **Извори за бъгарската етнография**, София, 1998.
- **Елдъров** Светлозар, *Скопско-Велешка епархия*, Македонски преглед, Македонски научен институт, кн.1, София, 1996, 129 - 133.
- **Елезовић** Глиша, *Турски Споменици*, књига прва, свеска I, Српска краљевска академија, Београд, 1940.
- ***ЕтнографиО на МакедониО***, извори и материали в два тома, том 2, БАН, СофиО,1992.
- ***Закон** за административно територијална поделба на Народна република Македонија.* Скопје, 13. 01. 1947.
- ***Зборник** лекара и фармацеута са прегледом здравствене слуѓбе ФНРЈ*, Нови Сад, 1956.
- **Зогравски** Данчо, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ*, 1905 - 1906 година, том први, Скопје, 1977.
- **Зогравски** Данчо, *Извештаи од 1903 - 1904 година на австриските претставници во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1955.
- **Ивановъ** Йордан, *Български старини изъ Македония*, София, второ допълнено издане, 1931.
- ***Извештај*** за школску 1929 - 1930 год. *Државно учитељска школа у Скопљу*, Скопље, 1930.
- **Извештај** за школску 1931 - 1932 годину, *Државна реална гимназија у Тетову,* Тетово, 1932.
- ***Извештај** за учебната 1954/55 година*, Полна гимназија *Кирил Пејчинович*, *Тетово 1945 - 1955,* Тетово, 1955.
- ***Извештај** бановинског одбора о раду друштва Црвеног крста у Вардарској Бановини у 1939 години*, Јужна Србија, Скопље, 1940.
-**Историски** архив, на комунистичката партија на Македонија, том први, *Одбарани материјали од Социјалистичка зора, за 1920*, Култура, Скопје, 1991.
- **Кушевски** Д. Војо, *Архивски податоци за првите соколски друштва во Македонија (1909 - 1911)*, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, бр. 3/1977, Скопје
- **Лапе** Љубен, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*, Скопје, 1954.
- ***Македонско** движење*, 1902 - 1903, Скопје, ДАРМ, 2002.
-**Миноски** Михајло, Ѓорѓи Стојчевски, *Австриски документи за реформската акција на европските сили во Македонија*, 1903 - 1909, Скопје, ДАРМ, 2002.
-**Миноски** Михајло, *Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балкансјите држави 1861 - 1913*, Документи, Скопје, Архив на Македонија, Филозовски факултет, Матица Македонска, 1994.
- **Митровски** Боро, *Окупациониот систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 - 1945*, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 305 – 322.
- **Мошин** Владимир, *Словенски ракописи во Македонија*, Архив на Македонија, Скопје, 1971.
- **Обрадовиќ** Милан, *Дејствувањето на разузнавачко-полициските служби на окупаторот и квислинзите во борбата против НОД на Тетово и Тетовско 1941 – 1944 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ, Тетово, 1991, 264 – 276.

- **Пенчев** Владимир, **Анчев** Анатол, *Михаил Арнаудов - една научна командировка в Македония*, Академично издателство Проф. Марин Дринов, Универзитетско издателство Св. Климент Охридски, София, 1999.
- **Парлапановъ** Иванъ, *Алманахъ Царство България 1917*, София, 1917.
- ***Правила*** *занатске задруге за кредит и штедњи С.О.Ј. у Тетову*. Главни савез занатских задруга у Београду, 1937.
- ***Правила*** *Тетовске кредитне банке у Тетову*, Скопље, 1930.
- ***Правила*** *Тетовске трговачко-индустријске банке*, Београд, 1929.
- ***Правила*** *Тетовског индустријског акционарског друштва*, Скопље, 1935.
-**Раденић** Андреа, *Документи о спољњој политици Краљевине Србије*, 1903 - 1904, књига прва, свеска 2, Београд, САНУ, 1998.
- ***Руски*** *документи за Македонија и македонското прашање (1859 – 1918)*, ДАРМ, Скопје, 2004.
- ***Споменици*** *за средновековната и поновата историја на Македонија*, Архив на Македонија, Том ИИИ, Скопје, 1980
- ***Српски*** *извори за историјата на македонскиот народ 1912 - 1914*, Избор редакција и коментар: д-р. Глигор Тодоровски, ИНИ, Скопје, 1979.
- ***Статут*** *на Сојузот на културно - просветните организации на Народна Република Македонија*, Скопје, 1950.
- **Тодоровски** Глигор, *Документи за навлегувањето на големосрпската пропаганда во стопанството на Македонија по Илинденското востание*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1980, 163 – 178.
-**Тодоровски** Глигор, *Илинден во француските дипломатски документи*, Скопје, АМ, 1993.
- **Тодоровски** Глигор, **Домазетовски**, *Окупацијата на западна Македонија 1941 – 1944, документи*, Друштво за наука, култура и уметност *Браќа Миладинови,* Вишарица, Струга – Јабланица, 2003, 40 – 43.
- **Тодоровски** Глигор, *Сточарството, овоштарството, пчеларството и шумарството во вардарска Македонија по Балканските војни (1912 - 1915)*, Гласник, ИНИ, Скопје, 2 - 3, 1977.
- **Тодоровски** Глигор, *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914*, ИНИ, Скопје, 1979.
- **Тодоровски** Глигор, *Српски извори за историјата на македонскиот народ (1890 - 1912),* Студентски збор, Скопје, 1985.
- **Тодоровски** Глигор, *Српско - македонските односи во минатото*, Студентски збор, Скопје, 1987.
-**Тодоровски** Глигор, **Јурукова** Нада, *Српски извори за историјата на македонскиот народ (1902-1903)*, Скопје, Зумпрес, 1994.
- **Станковски** Мирко, *Документи за тетовските парохии пред 1945*, Тетово, 2011, 75.
- ***Уредба*** *на мининистерскиот совет на Федерална Македонија за определување на бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиите и месните одбори.* Скопје, 27. 11. 1945 год.
- **Христов** Александар, Донев Јован, *Македонија во меѓународните договори*, 1875 -1919, Скопје, АМ, 1994.
- **Чепреганов** Тодор, **Пановска** Лилјана, *Велика Британија и Македонија, Македонија*, ДАРМ, Скопје, 2006.
- **Цамбазовски** Климент (редактор), *Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, архив Србије, Архив на Македонија*: том I / I, 1820-1948, 1979; том I / II,1849 – 1856, 1979; том II / I, 1856-1863, 1981; том II / II, 1864-1868, 1982; том III / I, 1868-1873, 1983; том III / II, 1874-1878,1984; том IV / I, 1879-1885, 1985; том IV / II, 1886-1887, 1985; том IV / II, 1886-1887, 1986; том IV / III, 1888-1889, 1987; том V / I, 1890, 1988; том V / II, 1891 – 1991.

Литература (книги, зборници, студии, периодика, елаборати)

- **Аврамовски** Живко, *Мерки на Германците за формирање на СС дивизијата Скендербег и оцената на нејзината борбена вредност*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 323 – 331.
- **Алексова** Б., *Средновековни наоѓалишта во Полозите*, Гласник на ИНИ III/1, Скопје, 1959.
- **Андонов Полјански** Христо, *Одбрани дела*, книга 1, Мисла, Скопје, 1981.
- **Андонов** Соња, **Блажевска** Симона, *50 години - Основно музичко училиште Тетово*, 1950 – 2000, ОМУ Тетово, Тетово, 2000.
- **Антева** Нада, *Развојот и работата на партиската организација во Тетово и Тетовско – ноември 1941 – март 1943 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, прва книга, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 219 – 232.
- **Амфитеатров** В. Александар, *Земја на раздорот*, Македонска книга, Скопје, 1990.
- **Апостолов** Александар, *Од активноста на напредните студенти на белградскиот универзитет во 1936 година*, Историја, бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 28 – 63.

- **Апостолов** Александар, *Еден нов документ за положбата во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век*, Гласник, ИНИ, бр. 1, Скопје, 1963, 247 – 267.
- **Апостолов** Александар, *Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на кралството СХС*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1962, 89.
- **Апостолова** Павлина, Сеќавање за еден фамилијарен живот, Скопје, 2006.
- **Апостолски** Андро и Дамјаноски Јован, *Народни песни од Тетово,* КУД Иљо Антески Смок, Полог, Тетово, 1972.
- **Апостолски** Михаило, *Развојот на санитетската служба во текот на народноослободителната војна во Македонија*, Гласник, ИНИ, бр. 2, Скопје, 1959, 5 – 30.
- **Арсиќ** Б., *Значај туризма за Јужну Србију*, Скопље, 1935.
- **Арсов** Љупчо, *Некои специфични услови за организирање на вооруженаta боба против фашистичките окупатори 1941 година во Македонија*, (Сеќавања), Гласник, ИНИ, Скопје, 1981, бр. 2-3, 357 - 378.
- **Arsov Ljupčo,** *Stvaranje I razvitak komunističke partije Makedonije*, Makedonija od ustanka do slobode 1941 – 1945, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987, 28 – 86.
- **Арсовски** Ѓорѓија, *Молер во слобода вљубен*, Т. Пионер, 1959/60, 6, 2.
- ***Архитектурата*** *на почвата на Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија", Книга 10, МАНУ, Скопје, 2000
- **Атанасов** Ѓорѓи Поп, *Стари Записи*, Менора, Менора, Скопје, 1996.
- **Ацески** Илија, *Социологијата на градот, социјалната теорија и урбаното прашање*, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 20 (46), 1993, 245 - 259.
- **Ачкоска** Виолета, *Аграрно-сопственички односи, промени процеси во Македонија 1944 – 1953*, ИНИ, Скопје, 1998.
- **Ачкоска** Виолета, *Исселувањето на Турците од НР Македонија по Втората светска војна (1945 – 1960)*, Историја, бр. 1- 2, Скопје, 2002, 89 – 102.
- **Ачкоска** Виолета, *Миграцијата село-град како последица на аграрната политика 1945 – 1953 година*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1994, 65 – 74.
- **Ачкоска** Виолета, *Општествено-економскиот развој на современата македонска држава (1944 – 2004)*, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 57, 2004, 245 – 263.
- **Ачкоска** Виолета, *Политичките прилики за време на првата народна влада на Македонија,* Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 59, 2006, 239 – 254.
- **Баждаровъ** Г., *Изъ Македонската земя, впечатления и бележки,* Македонския научењинститут, София, 1926.
- **Баришић- Ферјанчић,***Вести Димитрија Хоматијана од "власти Драгувита",* ЗРВИ, 20, Београд, 1981.
-**Бачински** Д., *Кирил Пејчиновиќ – Тетоец*, Луч, бр. 6 – 7, Скопље, 15. 12. 1937, 250 – 255.
- **Белчев** Ташко, *Македонија центар на венетската цивилизација на Балканот и пошироко*, Скопје, 1995;
- **Белчев** Ташко, *Македонија центар на современата теагонија*, Скопје, 1996.
- **Берон** Петър, *Българската възрожденска интелигенция*, София, 1988.
- **Битоски** Крсте, *За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 1962, 97 – 194.
- **Битоски** Крсте и др., *Историја на железницата во Македонија*, 1873 – 1973, ЖТП Скопје, НИП Нова Македонија, Скопје, 1973
- **Битовски** Крсте, *Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915 – 1918 година)*, Гласник, ИНИ, бр. 1-2, 1960, 47 – 81.
- **Битоски** Крсте, *Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век*, Гласник, ИНИ, бр. 1, Скопје, 1982, 197 – 198.
- **Благоев** Спиридон, *Странскиот печат за теророт и насилствата во Македонија пред Илинденското востание,* Историја, Скопје, 1982, бр. 1-2, 97 – 112.
- **Богдановић** Димитрије, *Књига о Косову*, САНУ, Београд, 1986.
- **Бојковска** Стојка, Минова – Ѓуркова Лилјана, Пандев Димитар, Цветковски Живко, *Општа граматика на македонскиот јазик*, Просветно дело, Скопје, 2008.
- **Вардар**, *Календар за редовну години 1907*, издање друштва кола српских сестара, Београд, 1906, 79.
- **Васиљевић** Хаџи Јован, *По тетовској области*, Братство, XXIX, Београд, 1938.
- **Васиљевић** Хаџи Јован, *Патријаршисте и егзархисте у скопској епархији*, Братство, XXIX, Београд, 1938.
- **Васиљевић** Хаџи Јован, *Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку*, Друштво Св. Сава, Београд, 1928.

- **Велјановски** Новица, *Создавањето и развојот на органите на народната власт во Тетово и Тетовско 1941 – 1944*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 202 – 210.
- **Верковиќ** И. Стефан, *Македонски народни умотворби,* Книга петта, Македонска книга, Скопје, 1985.
-**Верковић**, Ст. *Описанио бъіта Болгар населяющих Македонию*. Московския Универзитетския Известия, № 3, Москва, 1868.
- **Верковичъ** С. И., *Топографическо-етнографическо очеркъ Македонйи*, С. Петербургъ, 1889.
- **Весковиќ – Вангели** Вера, *Учество на жената од Тетово во народно-ослободителната војна и револуцијата (1941 – 1945)*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 187 – 201.
- **Вишко** Али, *Просветните прилики во Тетовската каза во втората половина на 19. век*, Историја, Скопје, 1979, 155 – 161.
- **Влахов** Димитар, *Мемоари*, НИП Нова Македонија, Скопје, 1970.
- **Вољинец** Радомир, **Хаџиева – Алексиевска** Јасмина, *Старата тетовска куќа*, Архитектурата на почвата на Македонија, книга 10, МАНУ, Скопје, 2000, 87 – 97.
- **Гавриловић** Мил. Р., *Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији*, Скопље, 1931.
- **Гавриловска** Валентина, *Народна носија, накит и покуќнина во Полог*, Музеј на тетовски крај, Тетово, 2004.
- **Гавровски** Дарко, *Тетовски древности*, (Пологод праисторијата до 7. векн.е., со посебен осврт на тетовскиот крај), Д.Г. Тетово, 2009.
- **Гашев** Ефтим, *Нашата кауза*, Скопје, 2007.
- **Георгиев** Зоран, *Две оружја од регимептите на Пиколомини*, Patrimonium. MK, Скопје, 2011, 213 - 220
- **Геровъ** Тодоръ, *При Шаръ*, София, 1934.
- **Георгиевски** Михајло, *Библиотекарството во вардарска Македонија, меѓу двете светски војни*, Култура, Скопје, 1989.
- **Георгиевски** Михајло, *Културно-просветната и политичката улога на библиотекарството во вардарска македонија меѓу двете светски војни*, Гласник, ИНИ, Скопје, 1982, бр. 1, 157 – 180.
- **Георгиевски** Михајло, *Прогресивната улога на читалиштата во Тетово и Тетовско меѓу двете светски војни*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 - 1945, книга прва, СО Тетово, СЗБНОВ Тетово, 1991, 161 - 165.
- **Герасимова** Виолета, *Народноослободителниот фронт во Тетово и Тетовско во 1944 и 1945 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 214 – 216.
- **Герасимова** Виолета, *Полог и неговото поврзување со железница до првата светска војна,* IV научен собир, Полог низ вековите, Бигорско научно-културни собири, Тетово, 1978, 117 - 128.
- **Герасимов** Љубомир, *Влијанието на македонскиот фолклор во драмските дела на автори Што не се од македонско потекло,* Македонски фолклор во музичкото и драмското творештво до 1945 година, МАНУ, Скопје, 1986.
- **Гиченко** Оливера, *Без враќање*, Напредок, Тетово, 2009.
- **Гошева** Вера, *Статистички податоци за трговските дуќани во вардарска Македонија од 1928 година*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 – 2, 2005, 355 - 361.
- **Гошева** Екатарина, *Мара Бунева живот и дело*, ВМРО – СМД, София, 1994.
- **Гргашевић** Ј., *Индустрија Србије и Црне Горе*, Загреб, 1924.
- **Грковска** Татјана, *Македонска Филхармонија*, Музиката на почвата на Македонија од Атанас Бадев до денес, книга 12, САНУ, Скопје, 2004,189 – 197.
- **Грујић** Рад., *Полошко - тетовска епархија и манастир Лешак,* Г.С.Н.Д.,ЦИИ књ. 1, св. 1, Скопље, 1925,
- **Димевски** Славко, *Еден значаен документ за активноста на Теодосиј Гологанов*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1965.
- **Димески** Славко, *Историја на Македонската православна црква*, Македонска книга, Скопје, 1989.
- **Димевски** Славко, *Митрополитот Скопски Теодосиј – живот и дејност (1846 – 1926)*, Култура, Скопје, 1973.
- **Димеска** Викторија, *Лазар Личеноски*, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1997.
- **Доганџиќ** Ацо, *Мара Ђорђевиќ, Записано у времену, (Песме са Косова и Метохије, Македонске (тетовске) песме)*, РТБ – ПГП, Београд, 2000.
- **Доклестиќ** Љубиша, *Македонците во Србија и нивното учество во нејзиниот стопански и општествен живот во XIX век*, ГИНИ, бр. 1-2, Скопје, 1969.
- **Доклестиќ** Љубиша, Српско – македонските односи во 19. век, Нова Македонија, Скопје, 1973.
- **Društvo** Crvenog križa, *Spomenica 1876 -1936*, Beograd, 1936.
- **Дофлајн** Франц, *Македонија*, Македонска реч, Скопје, 2010.

-**Дрончилов** Крум, *МатериÔли за антропологиÔта на бѫлгарите*, Годишник на СофиЎскиÔт университет, историско-филологически факултет, СофиÔ, 1921.
- **Ђаја** Иван, *Путовање "Обилића" по Јужној Србији 1923 године*, Београд, 1929, 11 – 14.
- **Ѓорѓиев** Драги, *Локалната управа во македонските градови во втората половина на 19. век,* 60 Години институт за историја, Македонија и соседите, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Филозофски факултет, Скопје, 2010, 203 – 207.
- **Ѓуровиќ – Миљковиќ** Маја, *Здравствената заштита во Вардарска Македонија (1919 – 1929)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1999, 93 – 107.
- **Евтоски** Гојко, *ФК Љуботен 1919 - 1979,* Тетово, 1979.
- **Зборник** на трудови, *Кирил Пејчиновиќ и неговото време*, Тетово, 1973, 139 - 144.
- **Зборник** на трудови, *Тетово и Тетовско во НОВ 1941 - 1945,* СО Тетово,ОО на СЗБНОВ Тетово, нигапрва и втора, Тетово, 1991.
- **Здравева** Милака, **Тодоровски** Глигор, *Номадското сточарство во Македонија во 19. В ек до 1918*, МАНУ, Скопје,1997.
- **Златев** Симеон Моне, Моне- графија, Најмал етнолошки музеј на светот, Цепчиште, 2009.
- **Зографски** Данчо, *Виенската спогодба Рибентроп – Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1980, 21 – 55.
- **Зографски** Данчо, Одбрани дела, книга 2, Наша Книга, Скопје, 1986.
- **Зогравски** К. Тодор и **Зогравски** А. Димче, *КПЈ и ВМРО (Обединета) во вардарска Македонија во периодот од 1920 - 1930*, ИНИ, Скопје, 1974.
-**Ив. Ил.**, *Църковно-училищното дѣло въ гр. Тетово и околията*, ИлÓстрация Илинден√, Илинденската организация, София, 1937, 11 – 12.
- **ИванићИван**, *Маћедонија и Маћедонци*, Нови Сад, 1910.
- **Иванов** Благоја, *Современата драма и театар во Македонија*, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес, книга 13, МАНУ, Скопје, 2004, 171 – 178.
- **Ивановь** Йорданъ, *Българитѣ въ Македония*, София, 1917.
- **Ivanovski** Vlado, *Aprilski sastanci i savetovanja mesnih komiteta komunističke partije Jugoslavije u vardarskoj Makedoniji 1941. godine*, Makedonija od ustanka do slobode 1941 – 1945, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987, 142 – 150.
- **Ивановски** Владо, *Ослободителната војна во западна Македонија 1941 – 1944*, ИНИ, Скопје, 1973.
-**Ивановски** А.Владо, *Времето и местото на формирањето на Комунистичката партија на Македонија*, Слободните територии во Македонија 1943 година, симпозиум, Дебар, 1974, Скопје, 1975.
- **Ивановски** А. Владо, *Партиската организација на територијата на Македонија под италијанска окупација – април – ноември 1941 г.*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2 – 3. 1965, 45 - 64.
- **Ивановски** Владо, *Прилог кон прашањето за формирањето на Комунистичката партија на Македонија, Гласник*, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1968, 183 – 185.
- **Ивановска** Китин Маргарита, Скаловски Денко, Манчев Томе, *Тодор Скаловски, животот и делото,* МАНУ, Скопје, 2003.
- **Иваноски** Орде, *Создавањето и дејноста на КПЈ во Тетово и Тетовско во легалниот период (1919 – 1920 година)*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 95 – 106.
- **Инадески** Митре, *Илегалните техники во Македонија во НО Војна*, Скопје, Култура, 1961.
- **Илиевска** Красимира, *Од топонимијата на Полог според владетелските повелби од XII и XIV век*, Научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби,Тетово - 1978, 13 - 22.
- **Илиевски**Александар, *Основањето и дејноста на народниот универзитет во Скопје меѓу двете светски војни*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2-3, 1979, 153 – 172.
- **Илиќ** Ж Пера., *Трагови православне литургије код муслимана у Јужној Србији*, Јужни Преглед, Скопље, 1928, 251 – 254.
- **Иљов** Васил, *Нови сознанија за писменоста, јазикот и културата на древните Македонци*, Спрема архитектурата, списание за култура на просторот, Сојуз на архитекти на Македонија, бр. 5, 6, Тетово, 1996.
- ***Историја** на македонскиот народ*, ИНИ, Том петти, Скопје, 2003.
- **Јагодиќ** Милош, *Српско - албански односи у Косовском вилајету (1878 – 1912)*, Библиотека Јазон, Београд, 2009.
- **Јанев** Јован, *КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 - 1921)*, ИНИ, Скопје, 1992.
- **Јанушев** Николај, *Одвеани од црвениот ветер*, Форум, Скопје,1999.
- **Јанковиќ** Д. и Љ., *Народне Игре*, Беогарад, 1938.
- **Яранов** Д., *Преселническо движение на Българи отъ Македония и Албания къмъ източнитѣ български земи презъ XV до XIX вѣкъ*, Македонски прегледъ, кн. 2 и 3, София, 1932, 63 - 119.

- **Ястребовъ** И. С., *Стара Сербіа и Албаніа*, Споменик, Српска Краљевска академија, Београд, 1904, 118.
- **Јосифовиќ** Боро, *Општински удар,* Јадран, Тетово, 1938.
- **Јовановиќ** Марија, *Просветно-политичките прилики во вардарска Македонија (1918 - 1929),* НИО Студентски збор, Скопје, 1983.
- **Јовановски** Коста, **Миладиновски** Велко, **Стојановски** Стојан, *Развиток на НОД во село Челопек*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 92 – 95.
- **Јорговановиќ** Ник., *Тетовски одред и преотимање Тетова од Бугара 1915 год.* Хрватска тискара, Сарајево, 1925.
- ***Југохром***, (монографија), Полог, Тетово, 1982.
- **Јурукова** Нада, *Учителските курсеви во учебната 1944/45 година во Македонија*, Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија (1943 – 1983), Просветно дело, Скопје, 1985, 118 -
- **Јурукова** Нада, *Културно-просветната политика во Македонија спрема националните малцинства (1944 - 1950)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 - 2, 2003, 163 - 174.
- **Јурукова** Нада, Основното воспитание и образование во Македонија (1944 – 1950), ИНИ, Скопје, 1990.
- **Јурукова** Нада, *Развојот на просветата во Тетово и Тетовско во 1944 – 1945 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, нкга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 222.
- **Кандиларовъ** Ст. Георги, *Българскитѣ гимназии и основни училища въ Солунъ*, Македонски научењ институтъ,София, 1930
- **Кантарциев** Ристо, *Македонското преродбенско училиште*, Студентски збор, Скопје, 1985.
- **Картов** Владимир, *Гимназијата жариште на прогресивната мисла во Тетово,* Тетово и Тетовско во НОВ 1941 - 1945, книга прва, СО Тетово, СЗБНОВ Тетово, 1991, 144 – 155.
- **Картов** Владимир, *Македонскиот народ и правото на определување 1912 - 1941,* Култура, Скопје, 1987.
- **Катарциев** Иван, Борба до победа, книга 3, Мисла, Скопје, 1983.
- **Катарциев** Иван, *КПЈ во Македонија до Обзнаната*, Скопје, 1961.
- **Качева** Алла, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во Скопје*, 1918 - 1941, Музеј на град Скопје, Скопје, 2002.
- **Кънчов** Васил, *Избрани произведения*, том втори, София, 1970.
- **Кирјазовски** Ристо, *Формирањето на Првата народноослободителна ударна бригада од егејска Македонија и нејзината активност во Полог*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 132 – 134.
- **Конески** Блаже, *Македонскиот 19. век, јазични и книжевно-историски прилози*, Култура, Скопје, 1986.
- **Конески** Б., *Писмата на Пејчиновиќа до кнез Милоша*, Македонски јазик, Скопје, 1956, 26.
- **Коцески** Коце, *Цано Павлоски – учесник во Грчкото востание*, Полог, Тетово, 30 . 05. 1973.
- **Костић** Петар, *Европски конзули у Призрену*, Јужни Преглед, бр. 6, Скопље, 1928.
- **Костић** Петар, *Споменица педесетотодишњице призренске богословско-учитељске школе 1871 – 1921*, Београд, 1925.
- **Костовски** Ристо, *Македонска пошта - Македонски телекомуникации*, Ми - Ан, Скопје, 1998.
- **Кочоски** Владимир, *Лични и семејни библиотеки во Тетово Тетовско (XIXи XX век)*, Кочо Рацин, Тетово, 2009
- **Кочовски** Владимир, *Од буква до библиотека*, (библиотекарството во Тетово до 1941 год.), Тетово, 2000.
- **Кочовски** Владимир, *Песни и судбини*, Напредок, Тетово, 2006.
- **Кочовски** Владимир, *Старо Тетово во патописната литература,*Тетово, 2003.
- **Кочовска** Љупка, *Семејна сага,* Матица македонска, Скопје, 2004.
- **Краков** Станислав, *Кроз Јужну Србију*, Београд, 1926.
- **Кривокапић** Душан, *Шар Планина*, Туристичка Штампа, Београд, 1969.
- **Крстевски** Иван, *Илија Антески - Смок, полком на Корабскиот одред,* Тетово, 1983.
- **Крстовски** Тихомир - Томе, *Гулабарството во Тетово*, Тетово, 1999.
- **Куцуловска** Галена, *Теророт и злосторствата на окупаторот во Тетово и Тетовско 1941 – 1944 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 294 - 304.
- **Кушевски** Војо, *Појавата и развитокот на соколството во Вардарска Македонија,* Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, Скопје, 1975, бр.1
- **Крстић** Орестије, *Туризам,* Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије, 1912 - *1937*, Скопље, 1937.

- **Левков** Благој, *Учеството на 19-та Македонска НО Бригада Гоце делчев во ослободувањето на Тетово*, Тетово и Тетовско во НОВ, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 121 – 124.
- **Лешниковски** Евгение, *Сеќавања за активностите во 1943 и 1944 и формирањето на партизанскиот одред во април 1944 година, Тетово и Тетовсково НОВ 1941 – 1945*, Тетово, 1991, 43 – 46.
- **Лазаров** Лазар, *Општествено – политичките организации во обновата и изградбата на НР Македонија 1944 – 1948*, ИНИ, Скопје.
- **Лапе** Љубен, *Изборните борби во Македонија до Обзнаната со специјален осврт на учеството на КПЈ за Македонија*, Историја, бр. 2, Скопје, 1984, 91 - 156.
- **Лапе** Љубен, *Македонија во XIII, XIX и XX век*, Култура, Скопје, 1992.
- **Лапе** Љубен, *Прилог кон изучувањето на друштвено-економските и полоитички прилики на Македонија во 18. век*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1958, 125 – 131.
- **Лапе** Љубен, *Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски*, ИНИ, Скопје, 1976.
- **Личеноска** Зое, *Лазар Личеноски, живот и дело,* 1901 - 1964,, Македонска книга, Скопје, 1986.
- **Лутовац** Милисав, Гора и Опоље, антропогеографска проучавања, САНУ, Научна Књига, Београд, 1955.
- **Мазова** Лилјана, *Театар на други јазици*, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес, книга 13, МАНУ, Скопје, 2004, 277 – 313.
- **Мазовер** Марк, *Солун град на духови (1430 – 1950),* Аз-Буки, Скопје.
- **Македонски** научењ институтъ,*Отчетъ на македоския научењ институтъ за 1930 година*, София, 1930.
- **Малковски** Ѓорѓи, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија, 1941 – 1944 година, ИНИ, копје,1995.
- **Маневиќ** Тодор, *Записи за Македонија меѓу двете светски војни,* Студентски збор, Скопје, 1985.
- **Манојловски** Методија, *Индустриското производство во Македонија за време на втората светска војна,* Историја, бр. 1- 2, Скопје, 2004.
- **Марковски** Михајло, *Селото Брвеница во народноослободителната војна 1941 - 1945*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 70 – 78.
- **Маркоски** Нешо, *Беличица во пламен,* Полог, Тетово, 1975.
- **Маркоски** Нешо, *Борбениот пат на Третиот тетовски партизански одред,* Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово,Тетово, 1999, 53 – 64.
- **Маркоски** Нешо, *Од тиранскиот затвор до слободно Кичево*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.2, 1975, 229 – 261.
- **Маркоски** Нешо, *Формирањето и дејствувањето на Првио тетовски партизански одред*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово, Тетово, 1991, 13 – 25.
- **Мартиновиќ** Н. Г., *Општински паркови и њихов значај*, Глас Полога, Тетово, бр. 103, 16. 03. 1935, 3.
- **Марчевски** Саво, *Тетовчани во партизанските одреди и единици на Народноослободителната војска*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 136 - 140.
- **Матковски** Александар, *Исламизацијата како метод за пацификација на дебарскиот крај*, Бигорски научно –културни собири, Гостивар, 1971, 225 – 233.
- **Миљковиќ** Ѓорѓи, *Музеј-куќа на еден Македонец во Букурешт, по потекло од Полог*, Бигорски научно-културни собири 1980 – 1981, Скопје, 1983, 173 - 177.
- **Миљковиќ** П.- Пепек, *Црквата, Црквата Св. Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок,* Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Архив на Македонија, Скопје, 1980, 477 - 502.
- **М.Б.Г.**, *Бекташтво*, Јужна Србија, Скопље, књига III, бр. 29, 01.07.1923, 402 – 405.
- **Миновски** Михајло, *Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861 – 1913*, Архив на Македонија, Скопје, 2000.
- **Миноски** Михајло, *Македонија и Бугарија историски соочувања,* Скопје, 2008.
- **Митровски** Боро, *Воспоставувањето на италијанската воена окупациона власт о квисиншка албанска цивилна власт, мај 1941 до септември 1943 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 243 – 263.
- **Митровски** Боро, *Окупационит систем во Тетово и Тетовско по капитулацијата на Италија*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ тетово, Тетово, 1991, 305 – 322.
- **Митровски** Боро, *Поважните настани во Западна Македонија во периодот декември 1943 – август 1944,* Гласник, ИНИ, Скопје, 105 - 144.

- **Михајлов** Миле, *Военозаднинските органи во народноослободителната војна на Македонија (1941 – 1945),* ИНИ, Скопје, 1992.
- **Михајлов** Миле, **Георгиевски** Михајло, *Политичката активност на Македонскиот народен сојуз во САД и Канада од 1928 до 1935 година*, Гласник, ИНИ, Скопје, 1971, бр.1, 105 – 136.
- **Михајловски** Војо, *Стенче, миг меѓу минатото и иднината*, Ѓурѓа, Скопје, 2005, 48 - 53.
- **Мишайков** Д. Македония в икономическо отношение, София, 1917.
- ***Модна** конфекција Единство - Тетово*, (монографија) Полог, Тетово, 1983.
- **Надовеза** Бранко, *Македонските социјалисти во балканските војни и во Првата светска војна,* Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2, 1999, 85 – 92.
- **Најденовски** Кузман, *Тетово во минатото како културно-просветен центар во Полог,* К.Н. Тетово, 1964.
- **Настева** Оливера Јашар, *Седмогрехникот на Арсеанија Марковиќ* од Теарце,Бигорски научно-културни собири, IV научен собир, Полог низ вековите, Тетово, 1978, 69 – 84.
- **Наумоски** Светозар, *Напредното учителство во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918 - 1941),* ИНИ, Скопје, 1991, 166 - 175.
- **Неделков** Ј. Љупчо, *Виновата лоза и виното, носители на кодирани семиотички вредности, во обредно – религискиот концепт кај Македонците*, 60 Години институт за историја, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Филозофски факултет, Скопје, 2010, 170 – 182.
- **Несторовски** Борис, *Нестор Алексиев Мирчевски – резбар*, Музеј на град Скопје, 2002.
- **Никитовиќ** М. Часлав, *Занатство Јужне Србије*, Занатска комора у Скопљу, Скопље, 1934.
- **Николовски** Боро, *Прилози за историјата на здравствената култура на Македонија*, Македонско фармацевтско друштво, Скопје, 1995.
- **Николоска** Марула, *Градските куќи од 19. век во Македонија*, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје, 2003.
- **Николиќ** Илија, *Македонске народне песме Тетова и околине у рукописним збиркама Архиве Српске академије наука и уметности,* Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово, 1971.
- **Обрадовиќ** Милан, *Дејствувањето на разузнувачко – полициските служби на окупаторот и квислинзите во борбата против НОД на Тетово и Тетовската околија 1941 – 1944 година*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 264 - 276.
- **Овчаров** Николај, *Иеромонах Мисаил и преродбата во првата половина на XIX век*, Историја, бр. 1 – 4, Скопје, 1989/99, 113 – 120.
- **Општествени** стопански развиток на Тетовска околија, Околиски Одбор на ССРНМ - Тетово, Тетово, 1963, 20.
- **Ортаков** Драгослав, *Музичката уметност во Македонија,* Македонска ревија, Скопје, 1982.
- **Ортаков** Драгослав, *Развојниот пат на Македонската опера*, Музиката на почвата на Македонија од Атанас Бадев до денес, книга 12, МАНУ, Скопје, 2004, 173 – 179..
- **Павловиќ** М. Јеремија, *Стари живот и обичаи народни и Јужној Србији по народним песмама*, Београд, 1926.
- **Павловски** Јован, Стефановски Живко, *Тетово,* монографија, СО Тетово, НИП, Нова Македонија, Скопје, 1969.
- **Павловски** Јован, *Бев со нив,* Полог, Тетово, 1979.
- **Пандев** Димитар, *Етнолингвистички поглед врз македонскиот народен јазик*, Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, Скопје, 2010, 327.
- **Пандевски** Манол, *Моменти од борбата на македонскиот народ за културно – национална автономија во периодот на младотурското владеење (1908 – 1912)*, Развиток на државноста на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1966, 439 - 448.
- **Пандевски** Манол, *Учество на Македонците во вооружените ослободителни борби на бугарскиот народ во 60 – те и 70 – те години на 19. век,* Гласник, ИНИ, Скопје, 1971, бр. 1, 23 – 60.
- **Папазоглу** Фанула, *Илирска и Дарданска краљевина. Порекло, развој и структура, хеленизација и романизација. Илири и Албанци.* САНУ, Научни скупови, Књ. XXXIX, Одељење историјских наука, Књ. 10, 163; Књ. V, 108, 1.
- **Пети** Викторија, *Активноста на партизаните од партизанскиот одред, Питу Гули во Тетово во 1943 год.*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СЗБНОВ Тетово, СО Тетово, Тетово, 1991, 1965 – 1969.
- **Petrović** Rudolf, Polog-antropogeogravski prikaz, Zagreb, 1942.
- **Петровь Г.**, *Тетовската кааза,* Матерйали по изучуването на Македония, София, 1896. 411 - 471.
- **Петровски** Бобан, *Манастирски имоти во средновековен Полог*, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 2006, 281 – 301.
- **Петрушева** Илинденка, *Тетоо наше ка мау Париз,* Кинопис, Скопје, 2003, 21 - 34.
- **Петрушевски** Илија, *Разурнати манастири и цркви во Полог*, Скопје, 2007.

- **Петрушевски** Илија, **Светозаревиќ** Бранислав, *Лешочкиот манастирски комплекс*, Полошко-кумановска епархија, Скопје, 2001.
- **Петрушевски** Илија, **Момироски** Борис, *Лешочкиот манастирски поменик*, Тетово, 2010.
- **Плетварска** Гордана, *Промената на сопственичките односи во ДФМ – НРМ (1945 – 1946),* Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 – 2, 2005, 327 – 341.
- **Поленаковиќ** Харалампије, *Еден драмски текст од 1938 година пишуван на тетовски говор,*IV научен собир, Полог низ вековите, Бигорско научно-културни собири, Тетово, 1978, 175 - 182.
- **Поп Георгиев** Димитар, *Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрно- правни односи во Македонија до Балканската војна 1912*, ИНИ, Скопје, 1956.
- **Поплазаров** Ристо, *Македонското Кресненско – разлошко востание*, Мисла, Скопје, 1979.
- **Поплазаров** Ристо, *Некои интересни податоци за Тетовско,* IV научен собир, Полог низ вековите, Бигорско научно-културни собири, Тетово, 1978, 155 - 166.
- **Пулевски** М. Ѓорѓија, *Одбрани страници*, Избор, редакција, предговор и забелешки д-р Блаже Ристовски, Македонска книга, Скопје, 1974.
- **Пурковиќ** Ал. Миодраг, *Попис цркава у старој српској држави, Библиотека хришћанског дела*, кн. 8, Скопље, 1938.
- **П.О**. (Стеван Симиќ), *Стара Србија и Арбанаси*, Београд, 1904.
- ***Рад** конгреса градова 1939*, Комунална библиотека савеза градова Краљевине Југославије, Београд, 1939.
- **Разбирање** на заедничкото минато, учење за иднината, *Промени и континуитет во секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија, 1945 – 2000*, Евроклио, Скопје, 2001.
- **И. Разбойниковь**, *Чифлигарството въ Македония и Одринско*, Солунь, 1913.
- **Rizaj** Skender, *Ustrojstvo turske carevine u 1911 godini Kosovski, Skadarski I Bitoljski vilajet*, Zbornik Filozofskog fakulteta u Prištini IV, Priština.
- **Ристовски** Блаже, *Македонистот Петар Драганов, 1857 – 1928*, Матица македонска, Скопје, Скопје, 2007.
- **Ристовски** Блаже, *Сознајби за јазикот, литературата и нацијата*, МАНУ, Скопје, 2001.
- **Ристоска** Роза, *Земјоделско училиште Тетово 1928 - 1988,* У.Ц. Моша Пијаде, Тетово, 1988.
- **Саздов** Томе, *Комитско-револуционњерните песни од Тетовско*, IV научен собир, Полог низ вековите, , Бигорски научно-културни средби,, Тетово - 1978, 95 - 102.
- **Савевски** Димче, *Партиски активисти, борци и антифашисти од Тетово и Тетовско во затворите и концентрационите логори*, Тетово и тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991.
- **Савевски** Димче, *Тодор Циповски Мерџан, време,живот и дело,* Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1997.
- **Савез** сокола Краљевине Југославије, Просветни одбор, *Јужна Србија,* Београд, 1937.
- **Савић** М. Миливој, *Извештај на инспекторот на Министерството за народна правда, занати и индустрија у присајидењим областима и занати у старим границама Краљевине Србије*, Београд, 1914.
- **Савоски** Мирчо, Дамјановски Јован, *60 години скијање во Тетово*, Полог, Тетово, 1986.
- **Савоски** Мирчо, *Развојот на скијањето во вардарска Македонија од 1925 – 1957*, ИНИ, Скопје, 2005.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Историските и архивистички аспекти на архивскиот фонд Виктор Аќимовиќ*, магистерски труд, Филозовски факултет на Универзитетот *Кирил и Методиј, Скопје, 2007.*
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Тетовски споменар 1919 - 1941*, Напредок, Тетово, 1999.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Македонската револуционерна организација во Тетово и Тетовско (1895 - 1908)*, Здружение *Млади Сили*, Тетово, 2008.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 - 1905,* ДАРМ, Скопје, 2003.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско 1861 - 1903, АМ, Матица Македонска, Скопје, 1996.*
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Електродистрибуција Тетово, 90 години од идејата - 75 години развој, Тетово, 2002.*
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Лекарите во Тетово во 19 век и првите две децении од 20 век,* Прв македонски конгрес за историја на медицината, Зборник на трудови, Штип, 2001, 253 - 259.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Здравството во Тетово меѓу двете светски војни,* Втор македонски конгрес за историјата на медицинатра со меѓународно учество, Зборник на трудови, Струмица, 2005, 194 - 206.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Народна фармакопеја запишана од Зарија Птерев Ѓорев Пожаранец од Тетово,* Трет македонски конгрес за историјата на медицината со меѓународно учество, Зборник на трудови, Штип, 2008, 91 - 99.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Развој на спортот во Тетово меѓу двете светски војни*, Друштво за наука и уметност, Скопје, бр. 1-2, Скопје, 2000, 141 - 148.

- **Светозаревиќ** Бранислав Покорни, **Закоска** Маја, Здравството во Тетово во XIX и XX век, Тетово, 2011.
- **Селищев** М. А. *Полог и его болгарское население,* София, 1929.
- **Серафимовь** Л., *Тетовско и дъйцитъ по вжзраждането му,* Пловдивь, 1900.
- **Сидовски** Коста, *Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот помеѓу двете светски војни, (1918 - 1941),* Скопје, 1960.
- **Сидоски** Коста, *Текстилната индустрија во НР Македонија во периодот помеѓу двете светски војни,* Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1957, 57 – 88.
- **Смиљаниќ** Тома, *Мијаци, Горна река, Мавровско поле,* Насеља и порекло становништва, , књига 20, СКА, Београд, 1925.
- **Смиљаниќ** Тома, *Кичевија,* Српска Краљевска Академија, Београд, 1935.
- **Софрониевски** Валериј, Петровски Бобан, *Синодалниот акт No. 94 од збирката на Хоматијан како извор за историјата на Полог,* Историја, Скопје, 2005, бр. 1 – 2, 23 – 37.
- **Софрониевски** Валериј, Петровски Бобан, *Документите No. 58 и No. 103 од збирката на Хоматијан како извор за историјата на Полог,* Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, книга 58, 2005.
- **Скаловиќ** Н. Тодор, *О народној мелодији Повардарја,* Глас Полога, Тетово, 01. и 08. 01. 1938, 5.
- **Славева** Лидија, *Тетовскиот манастир – центар на општествениот живот во Полог во XIV век,* Духовните средишта во западна Македонија во минатото и денес,, бигорски – научно – културни собири, Кичево, 1990, 41 – 57.
- **Славева** Лидија, *Македонската етногенеза,* Матица Македонска, Скопје, 2008.
- **Slivenson**, *Сърбитъ въ Македония,* Сливен, 1913.
- **Соколов** Лазар, *Прилог за Македонското студентско движење во Загреб,* Историја, бр. 1 – 2, Скопје, 1976, 1- 27.
- **Спировска** Лепосава, *Обичаи околу градење куќа во западна Македонија,* Бигорски научно - културни собири 1974 - 1975, Мисла, Скопје, 1976, 219 - 222.
- ***Споменица*** *четрдесетогодишњице мушке гимназије у Скопљу 1894 – 1934,* Скопље, 1934.
- ***Spomenica*** *dvadesetpetogidišnjice Južne Srbije 1912 – 1937,* Skoplje, 1937.
- **Стаматоски** Трпко, *Прогресивното движење во Тетово од 1932 до 1941 година,* Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 139 – 143.
- **Станимировиќ** Душан, *Основање на соколските друштва во Македонија од завршувањето на Првата светска војна до април 1923 година,* Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Комитет за физичка култура на СР Македонија, бр. 3/1977, Скопје, 53 - 70.
- **Станинска** Поповска Снежана, *Ами Буе за Македонија,* Менора, Скопје, 1999.
- **Станковиќ** П. Тодор, *Белешке о Старој Србији и Маћедонији,* Ниш, 1915.
- **Станковска** Љубица, *Прекарите во Тетово,* Ономастица Југославица, Љубљана, 1969.
- **Стефановски** Ристо, *Кратката пролет на некои театри во внатрешноста на СРМ,* Современост, Скопје, 1977/78, 72.
- **Стефановски** Живко, *Полошка панорама 73,* Полог, Тетово, 1975.
- **Стефановски** Живко, *Појдовте млади во виорот,* Тетово, 1981.
- **Стефановски** Живко, *Селата од Повардарието во НОВ,* Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 86 – 92.
- **Стефановски** Живко, *Шар Планина,* Полог, Тетово, 1981.
- **Стефановски** Живко, Миле Арсениевски, *Од револуционерното минато на Тетово,* Работнички универзитет Тетово, Тетово, 1970.
- **Стефановски** Ристо, *Театарот во Македонија, од почетоците до ослободувањето, Македоника,* Скопје, 2011.
- **Стојановска** Јованка, *Книжевното научно дело на Томо Смиљаниќ Брадина,* Матица Македонска, Скопје, 1994, 69 – 70.
- **Стефановски** Ристо, *Театарот во Македонија,* Мисла, Скопје, 1990.
- **Стојанов** Петар, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 - 1919),* ИНИ, Скопје, 1969.
- **Стојановски** Александар, *Занаетчиската дејност во македонските градови под турската власт (XV – XVIII век),* Гласник, ИНИ, 1-2, Скопје, 1995,117 – 132.
- **Стојановски** Александар, *Македонија во турското средновековие,* Култура, Скопје, 1989.
- **Стојановски** Александар, *Дервенџиството во Македонија,* ИНИ, Скопје, 1974.
- **Стојчев** Ванче, *Формирањето и соработката на колаборационистичките организации во Македонија, 1941 - 1944 година,* Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1- 2, 65 - 82.
- **Тасковски** Евстати, *Борбените дејства на 14. Македонска младинска ударна бригада Димитар Влахов во завршните борби за ослободување на Македонија,* Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1944, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 109 – 113.

- ***Тетово** и тетовско низ историјата,* (монографија), СО Тетово, Тетово, 1981.
- **Тимотијевић** Мирослав, *Рађање модерне приватности*, Клио, Београд, 2006
- **Тодоровски** Гане, *Страници на едно македонофилство*, Историографски теми, Наша Книга, Скопје, 1990.
- **Тодоровски** Глигор, *Документи за просветната политика на Српското кралство во Македонија (1912 – 1915)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 3, 1968, 195 – 234.
- **Тодоровски** Глигор, *Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни (1913/1914г.)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1966, 95 – 134.
- **Тодоровски** Глигор, *Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година*, Гласник на ИНИ, Скопје, 1, 1974.
- **Тодоровски** Глигор, За *состојбата на Македонците-печалбари и бегалци пред и по илинденското востание*, Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, бр. 2-3, 311 – 329.
- **Тодоровски** Глигор, *Македонија по Балканските војни*, Култура, Скопје, 1981.
- **Тодоровски** Глигор, *Окупаторски документи од времето на окупацијата на западна Македонија 1941 – 1944 година*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1, 1965, 281 - 323.
- **Тодоровски** Глигор, *Прашањето за економската пенетрација на големосрпската пропаганда во Македонија пред балканските војни*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 2 – 3, 1979, 81 - 106.
- **Тодоровски** Глигор, *Работничкото и социјалистичкото движење во вардарскиот дел на Македонија*, Гласник, ИНИ, Скопје, мај-август 1988, 27 – 48.
- **Тодоровски** Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија, (1829 – 1909), Студентски збор, Скопје, 1984.
- **Тодоровски** Глигор, *Македонија по Балканските војни*, Култура, Скопје, 1981.
- **Тодоровски** Глигор, *Српско - македонските односи во минатото,* Студентски збор, Скопје, 1987.
Тодоровиќ Десанка, *Стопански проблеми на Македонија, со посебен осврт на дејноста на Трговско-индустриската комора во Скопје*, Гласник, ИНИ, Скопје, 1974, бр.2, 23 - 57.
- **Тодоровски** Зоран, *ВМРО 1924 – 1934*, РОБЗ, Скопје, 1997.
- **Тодоровски** Миле, *Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во ослободителната војна и револуцијата 1941 – 1944*, ИНИ, Скопје, 1972.
- **Томоски** Т., *Средновековен Полог*, Историја XII/1-2, Скопје, 1976; истиот, Средновековен Полог, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 2(28), Скопје, 1976.
- **Томиќ** Светозар,*Скопље, Тетово, Гостивар, Маврово, Галичник,* Братство, 17/23, Београд, 1923.
- **Томовски** Крум,*Дејноста на мајсторите – градители од Дебарската школа во 19. век*, Бигорски научно-културни средби, Гостивар, 267 – 275.
- **Тосков** Г., *Тетовскитѣ паши*, Сборн. за народ. умотв. XI,
- **Трайчевъ** Георги, *Книга за Мияцитѣ,* София, 1941.
- **Трајановски** Александар, *Црковно – училишните општини во Полог од нивното основање до берлинскиот конгрес (1878)*, Бигорски научно-културни собири 1978 – 1979, Скопје, 1980,
- **Трајковиќ** Никола, *У Тетову*, Југославија у слици и речи, Србија, друго издање, Геце Кона, Београд, 1927, 587 - 595.
- **Trifunoski** Jovan, *Albansko stanovništvo u Makedoniji*, Književne novine, Beograd, 1988.
- **Трифуновски** Јован, *Воденице и ваљавице у Пологу*, Billetin of the etnograpfic museum in Beograd, volume 46, 1982.
- **Trifunoski** Jovan, *Kosovci u severnoj Makedoniji*, Glasnik Muzeja Kosova i Metohije, VI, Priština, 1961, 173 – 181.
- **Трифуноски** Ф. Јов., *Македонски родови во Полог со потекло од Албанија*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје, историско-филолошки оддел, кн. 5, Скопје, 1952.
- **Трифуновски** Јован, *Међуратна колонизација Срба у Македонију,* Ј.Т. Београд, 1991.
- **Трифуновски** Јован, *Полог, антропогеографска проучавања,*САНУ, Београд, 1976.
- **Трифуноски** Ф. Јован, *Самарџијски занат у Тетову*, BulletinoftheetnograpficmuseuminBeograd, 1982.
- **Трифуноски** Ф. Јован, *Скопски Дервен*, анропогеографска испитивања, Насеља и порекло становништва, САН, Одељење друштвених наука, Београд, 1952.
- **Трифуноски** Ф. Јован, *Слив Маркове реке, антропогеографска проматрања*, Филозофски факултет на Универзитетот – Скопје, посебни изданија, книга 7, Скопје, 1958.
- **Трифуновски** Јован, *Цинцари у Тетову,* Гласник етногравског институте САНУ, књ. ЦЦДИ, Београд, 1982, 75 - 78.
- **Тромпчињски** Влоѓимјеж, Албанија и Македонија, земја и луѓе, Скопје, Менора, 2005.
- **Ќирић Јован - Тетовац**, *Да се не заборави,* Библиотека Маѓедонија, Скопље, 1925.
- **Усепјанов** Аритон Николов Киро, Стојанов Борис, Несторовски Борис, Карев Никола, *Земјоделско-стопански основи на Полог*, Книга 1 и книга - прилози, Скопје, 1953. ДАРМ Скопје, Ф. Лазар Колишевски, (Студија).

- **Фиданова** Славка, *Некои особености во развојот на народната власт во западна Македонија*, Развиток на државноста на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1966, 299 - 319.
- **Фиданова** Славка, *Подготовките за формирање на тетовскиот партизански одред*, Историја, Скопје, 1966, 3 – 23.
- **Филиповски** Љупчо, Бошковски Владимир, *Наследната архитектура во Тетово и Пологот*, (краток осврт), Бигорско научно - културни собири, ИВ научен собер, Полог низ вековите, Тетово, 1978, 137 - 144.
- **Филиповиќ** Илија, *Подготовките и формирањето на Првиот тетовски партизански одред*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ – Тетово, Тетово, 1991, 9.
- **Филиповиќ** Миленко, *Породична слава и славе у Тетову,* Гласник етногравског музеја у Београду, књ. VI, 16 - 21.
- **Форд** Џорџ, *Семејната задруга во СР Македонија*, Историја, бр. 2, Скопје, 1984, 351 – 363.
- **Хајрулаи** Ќемал, *Сеќавања за некои настани од НОВ во Тетово*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 79 – 85.
- **Хамза** Јусуф, *Младотурската револуција во Османската империја*, Логос – А, Скопје, 1908.
- **Хаџи Ристиќ** Миодраг, *Валавиците во Полог - Подгора*, Културно наследство, РЗЗСК, 1995 - 1996, 80 - 87, Скопје, 1997.
- **Хаџи Ристиќ** Миодраг, *Рабуши во Македонија*, Зборник на Македонија, археолошки, етнолошки и историски, Нова серија бр. 1, Етнологија, 80 - 87, Скопје, 1992.
-**Христов**Ристо, *Градското стопанствомна Вардарска Македонија меѓу двете светски војни низ архивските извори*, Историја, Скопје, 1988/89, бр. 1- 4, 93 – 107.
- **Христов** Ристо, *Економско-социјалната положба на работништвото во Вардарска македонија и во првите години на Кралството на Србите, хрватите и Словенците (1919 – 1923)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр.1, 1980, 59 – 82.
- **Цветковска** Надежда, *Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни*, ИНИ, Скопје, 2000.
- **Цветковска** Надежда, *Социјалната структура на вардарскиот дел на Македонија во Кралството Југославија* (според пописот на населението од 31. 03. 1931 година), Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 – 2, 2005, 277 – 289.
- **Цветковска** Надежда, *Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1929)*, ИНИ, Скопје, 2004.
- **Цветковска** Надежда, *Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935 – 1941)*, ИНИ, Скопје, 1996.
- **Цветковска** Надежда, *Социјалното осигурување во вардарскиот дел на Македонија (1918 - 1929)*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1-2, 2004, 121 - 126.
- **Цвијић** Ј., *Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије*, књ. III, Београд, 1911.
- **Цвијић** Ј., *Проматрање о етнографији македонских словена*, Београд, 1906.
- **Цвијић** Јован, *Тетовска котлина и суходолица*, Основе за географију и и геологију Македоније и Старе Србије, Српска Краљевска Академија, Београд, 1911, 1076 - 1096.
- **Целакоски** Наум, *Населбите и антропонимите од најстариот поменик во Бигорскиот манастир*, Духовните средишта во западна Македонија во минатото и денес, бигорски – научно – културни собири, Кичево, 1990, 86 – 94.
- **Чакарјеневски** Ѓорѓи, *Македонија во италијанско-бугарската свера на влијание во 1941 година*, Гласник, ИНИ, Скопје, бр. 1 - 2, 2004, 45 - 63.
- **Чаушев** Боро, *Ослободувањето на Тетово*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга втора, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 96 – 108.
- **Цаџић** Петар, Јован Цвијић / Иво Андрић, *О балканским психичким типовима*, Просвета, Београд, 1988.
- **Шапкалиска** Теодора, *Лексички материјал од бревното на Хтетовскиот манастир до 1346 година*, Научен собир, Полог низ вековите, Бигорски научно-културни средби,Тетово - 1978, 183 - 190.
- **Шарески** Тихомир Мино, *Со крстот на чело*, Дата понс, Скопје, 2000.
- **Škaljić** Abdulah, *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku, Svijetlost, Sarajevo, 1989.*
- **Шојлевски** Драган, *Пејзажните карактеристики во просторите во Тетово, Гостивар, Дебар, Крушево и Гевгелија,* кн.4 / 1, 2, 3, 4, 5. Публ. Дирекција за просторно планирање - Охрид. Охрид, 1974.
- **Шојлевски** Драган, *Македонска домашна градина и обликување на просторот,* Македонска книга, Скопје, 1984.
- **Шоповъ А.,***Изъ новата историа на Българите въ Турция*, Пловдивь, 1895.

Весници, списанија и статии.

- **А.** В., (Аћимовић Виктор),*Туберкулоза – социјална болест нижих друштвених слојева,* Глас Пологa, Тетово, 05. 06. 1937, 2.
- **А.** В. *Изложба слика господина лепавца у Тетову*, Глас Пологa, Тетово, 27. 11. 1937.
- **Ангелов** Јордањ, *Град Тетово*, Илустрация Илиндењ, София, 11 / 1939.
- **Аћимовић** Виктор, Отворено писмо, Јужна Стварност, бр. 1, децембар, 1939, 1,
- **Аћимовић** Виктор, *Гостовање позоришта Боем у Тетову*, Глас Пологa, Тетово,16. 10. 1937, 3.
- **Буклевски** Томе, *Ноќ без разденување,* Нова Македонија, 16 и 18. 06. 1959, бр. 4623 и 4624.
- ***Вардар***, Женско друштво у Тетову, Скопље, 27.05.1912, 4.
- ***Вардар***, 3 јула у сред Тетова, Скопље, 27.05. 1912, 3.
- **Варналиев** Душко, *Бањата Хисар кај Тетово – неискористено минерално богатство*, Нова Македонија, Скопје, 21. 08. 1954, 10.
- **Варналиев** Душко, *Иљо Антевски*, Нова Македонија, Скопје, 16 и 18. 04. 1958, бр.4279
- **Варналиев** Душко, *Како ќе ја минеш таа Шар Планина полна со ајдуци!*, Нова Македонија, Скопје, 29.09. 1956 г.
- **В.** Д. *Чудесни чевли што го подигнале угледот на тетовскиот еснаф*, Нова Македонија, Скопје, 18. 06. 1961, 10.
- **Vox Medici**, Гласило на Лекарската комора на Македонија, Скопје, (1993 -).
- **Гласник** Скопског научног друштва, Скопље,
- **Гласник**, Списание на Институтот за национална историја, Скопје, (1947 -).
- ***Глас Пологa****, недељни информативно - просветно - привредни лист,* Тетово, 1933 - 1941.
- **Петроски** Т., *Работата на окол. Градежно претпр. Љуботен во 1949 г.*, 03. 03. 1949, 3.
- **Ѓорѓески** К., Околискиот народен одбор во Тетово предвидува производство на градежен материјал од локалната база за капиталната изградба во 1949 година, Шар, Тетово, бр. 25, 20. 01. 1949, 3.
- **Ив. Ил.**, *Църковно-училищното дѣло въ гр. Тетово и околията*, Илюстрация Илиндењ, София. Юний 1937, 12.
- **Јаковљевић** В.Јарослав, Распростирање и гајење јабуке тетовке, Полог, Тетово, бр. 84, 03. 11. 1934, 2 – 3.
- **Јелић** Милисав, *Електрична централа у Тетову,* Правда, Београд, 11 / 1939.
- **Ј.** Б. *Отпочели су радови на изградњи пруге нормалног колосека Скопље – Тетово – Гостивар*, Вардар, Скопље, 24. 07. 2007, 2.
- **Ј. Б.** *Попова Шапка на Шари смучарска ћаба за цео наш Југ*, Време, Београд, 05. 01. 1937, 7.
- **Ј.** Б. *Пчеларски течај у Тетову*, Глас Пологa, Тетово, 17. 07. 1937, 1;
- **Josifovski** B., *Petar Kočić u Tetovu*, Oslobođenje, Sarajevo, 03. 02. 1957, 5;
- **Josifovski** Boro, *Jedna famozna svadba*, Oslobođenje, Sarajevo, 25. 08. 1973, 2.
- **Јосифовић** Бора, *Да ли Тетово има услове за туризам*, Вардар, Скопље, 02. 10. 1934, 2.
- **Јосифовић** Бора, *Док су врхови још покривени дебелим слојем снега, у Карариколичком језеру на висоравни Шаре купају се туристи,* Време, Београд, 02. 07. 1935.
- **Јосифовић** Бора, *Народна просвета у Тетову и у Доњем Пологу*, Врадар, Скопље, 10. 10. 1933, 1 -2.
- **Јосифовић** Бора, *Пошумљавање голети и хитно осигурање од бујица у Пологу*, Вардар, Скопље, 1934, 1 – 2.
- **Јосифовић** Бора, *Израда качкаваља на бачијама Шар Планине,* Глас Југа, Скопље, 17. 11. 1934, 5.
- **Јосифовић** Боро, *Како Тетовци проводе лето, Вардар, Скопље, 03. 09. 1938, 3.*
- **Јосифовић** Боро, *Највећи пашњак Шар Планина лиферује кашкаваљ Америци и Египту*, Време, Београд, 26. 09. 1939, 7.
- **Јосифовић** Бора, *Народна просвета у Тетову и у Доњем Пологу*, Вардар, Скопље, бр. 127, 10. 10. 1933, 1 – 2.
- **Јосифовић** Б., *Потреба пошумљивања голети и хитно осигурање од бујица у Пологу*, Глас Југа, Скопље, 07. 12. 1940, 2.
- **Јосифовић** Бора, *Потребно је изградити нормалну пругу Скопље – Тетово – Гостивар – Охрид*, Глас Југа, Скопље, 01. 12. 1940, 4.
- **Јосифовић** Бора, *Село Пожаране*, Вардар, Скопље, 14. 10. 1933, 4.
- **Јосифовић** Бора, *Преко Шарпланине гради се величенствени аутомобилски пут*, Вардар, Скопље, 03. 11. 1936, 2.
- **Јосифовић** Бора, *Тешко стање занатлија у Тетову*, Вардар, Скопље, 13. 02. 1935, 2.
- **Јосифовић** Бора, Тетово, *Трговински гласник*, Београд, 20. 10. 1932, 2.
- **Јосифовић** Боро, *Скијање на Шари већ је отпочело*, Вардар, Скопље, 14. 11. 1933, 7.
- **Јосифовић** Боро, *Соколско друштво у Тетову подићи ће монументални дом*, Правда, Београд, 21. 01. 1933.

- **Јосифовић** Б., *Спортске прилике у Пологу*, Правда, Београд, 30. 09 1933, 8.
- **Јосифовски** Боро, *Два акутни проблема на Градскиот народен театар во Тетово*, Нова Македонија, Скопје, 04. 01. 1951, 2.
- **Јосифовски** Боро, *Некадашње царство качака – данас смучарски центар*, Борба, Београд, 12. 02. 1956, 7.
- **Јосифовски** Боро, *Нестао је и последњи зограф,* Политика, Београд, 06. 01. 1967, 11.
- **Јосифоски** Боро, *Тетовско ватрогасно друштво подиже нови дом*, Политика, Београд, 06. 12. 1954, 6.
- **Јосифоски** Боро, *Воћни расадник за пример*, Политика, Београд, 11. 08. 1954, 8
- **Јосифовски** Боро, *Најмлађи мајстори најстаријег заната*, Политика, Београд, 25. 08. 1955, 7.
- **Јосифовски** Боро, *Обновљено је позориште у Тетову*, Политика, Београд, 28. 04. 1955, 11.
- **Јосифовски** Боро, *Пет и по деценија фудбала у Тетову, Тетекс у другој лиги, а најстарији Љуботен у републичкој*, Политика, Београд, 29. 12. 1977.
- **Јосифовски** Боро, *Портрет - Ананије Поповски*, Политика, Београд, 08. 10. 1961, 19.
- **Јосифовски** Боро, *Тужна прича последњег терзије*, Политика, Београд, 04. 08. 1967, 8.
- **Јосифовски** Боро, *Убавата Тетовчанка некогаш и сега*, Просвета, Скопје, 12. 02. 1976
- ***Време*** *Јунак најновије гинеколошке афере д-р. Панча Стојановиќ признаје да је спаљивао децу,* Београд, 21. 07. 1936, 11.
- **Историја**, Списание на Друштвото на историчарите на Македонија, Скопје.
- **J.J.** *Во Тетово изникнува голем текстилен комбинат*, Нова Македонија, Скопје, 20.01. 1950, 2.
- ***Јужна Стварност***, лист за културна питања Македоније, Тетово, бр. 1, децембар, 1939, 3.
- **Касим**, *У Тетову је основана смучарска секција "Попова Шапка" београдског спорт клуба "Југ"*, Глас Пологa, Тетово, бр. 154, 07. 03. 1936, 3.
- **Кривокапић** Душан, *Испод Балтепета - меденог брега, Наша домовина,* Београд, 2/1933.
- **Љ.** Г. *Кожарата Шар покажа добри резултати во 1949 година*, Шар, Тетово, бр. 28, 10. 02. 1949, 4.
- **М.**И., Планинарското – смучарско друштво во тетово организира 5 – то дневен излет на Попова Шапка, Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4.
- **Македонски фолклор**, Списание на Институтот за Фолклор, Скопје.
- **Манојлоски** П., *Развојот на економијата во Тутунската станица – Тетово*, Шар, Тетово, бр. 28, 10. 02. 1949, 3.
- **Мартиновски** Панче, народниот херој Тодор Циповски Мерџан, Мерџан, Тетово, 11. 03. 1959, 25
- **Милић М.**, *Прву апотеку у европској турској, отворену у Тетову пре 55 година дипломирани студент фармације Александар Парлић, доцније посланик у турском парламенту*, Политика, Београд, 16. 02. 1940.
- **Н.К.**, *Забава са драмском претставом у организации Тетовског потпорног друштва Шар Планина у Детроиту*, Глас Пологa, Тетово, 07. и 11. 01, 1936.
- ***Нова Македонија***, Скопје, Орган на народниот фронт на Македонија, (1944 – 1950).
- **О. Белчевски**, *Фрапантно совпаѓање*, Македонско време, бр. 5, Скопје, 1995
- **О.К.***Тетово као центар туризма у Јужној Србији*, Скопски Гласник, Скопље, 1 / 1929.
- **Петровић** Сима Јогун, *Народни универзитет у Тетову*, Глас Пологa, Тетово, бр. 87, 24. 11. 1934, 2.
- **Петровић** Сима, *Читаоница тетовске омладине се спрема да свечано прослави двадесетпетогодишњицу смрти највећег словенског писца Толстоја*, Глас Пологa, Тетово, бр. 138, 16. 11. 1935, 2.
- **Петровић** Сима Јогун, *Шта треба туриста да види у Тетову и његовој околини*, Глас Пологa, бр. 231, 28. 08. 1937, 1
- **Петроски** Т., *Работата на окол. Градежно претпр. Љуботен во 1949 г.*, 03. 03. 1949, 3.
- **Петроски** Т., *Работата на пругата Скопје – Тетово – Гостивар през 1948 и работите кои отпочнаја во 1949 година*, Шар, Тетово, бр. 29, 17. О2. 1949, 1.
- **Политика**, *Тетово има све услове да се развија*, Београд, 05. 06. 1936, 11.
- ***Полог,*** списание, Тетово, 1967 - 1990.
- **Поповски**Петар, *Крваво, Аранаутскиот гего-мирдитски разбојнички тероризам во македонските земји (од 1700 до 2002 година)*, Том први, Скопје, 2003, 28, 33, 162, 163, 239, 241, 242, 314, 323, 328, 329, 331, 332, 333, 334, 337, 359, 365, 431, 432, 434, 436, 437, 439, 440, 447, 458, 464, 469, 474, 4997, 576, 578, 608, 609, 613, 625, 778.
-***Прави пут***, Скопље, 02. 04. 1937, 2.
- **Ристић** Ђира, *Спортске прилике у Тетову*, Глас Пологa, Тетово, 01. и 08. 05. 1937, 12.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Здравството во Тетово во Османлискиот период (1800 - 1912),*Voxmedici, Гласило на лекарската комора на Македонија, бр. 53, декември 2006.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Тетоо наше под Баутепе*, Македонско сонце, Скопје, бр. 529, 20. 08. 2004.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Старите тетовски маала,* Македонско сонце, Скопје, бр. 534, 24. 09. 2004.

- **Светозаревиќ** Бранислав, *Град кој живеел и живее со пазарите,* Македонско сонце, Скопје, бр. 537, 15. 10. 2004.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Времето на серенадите и боемите,* Македонско сонце, Скопје, бр. 531, 03. 09. 1934.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Народната медицина и суеверијата во Долни Пролог во XIX и почетокот на XX век*, Компас, Тетово, јануари 2001, 12 - 13.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Новинарството во Тетово, Компас како повод*, Компас, Тетово, 15 ноември 2000, 8 - 9.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Град со долга лекарска традиција*, Компас, Тетово, декември 2000, 12 - 13.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Образованите луѓе и нивните гледишта за народната медицина и суеверијата*, Компас, Тетово, февруари 2001, 12 - 13.
- **Светозаревиќ** Бранислав, *Манастирски комплекс "Св. Атанасиј" село Лавце, Балтепе, Тетово,* Македонско сонце, 21. 07. 1995.
- **Серафимовиќ** Михајло, *Печалбари – драма из нашег живота коју сваки положанин треба да види или прочита, Глас Пролога*, Тетово, 170, 27, 06. 1936, 4.
- **Симиќ** Илија, *Занатство на издисају*, Глас Пролога, Тетово, 01. и 08. 05. 1937, 8.
- **Симиќ** Илија, *Какве су прилике занатства у Вардарској бановини, и неколико речи о раду Занатске коморе у Скопљу*, Глас Пролога, 225, 17. 07. 1937, 2.
- **Синадиноски** Јаким, *Некои општествено-економски и демографски карактеристики на Тетово и Тетовско помеѓу двете светски војни*, Тетово и Тетовско во НОВ 1941 – 1945, книга прва, СО Тетово, ОО на СЗБНОВ Тетово, Тетово, 1991, 75 – 94.
- **Стояновь** Андрей, *Бѣлѣшки по моето пѫтуване изъ Тетовско*, Новини, Цариградъ, I – III, (1891 – 1892), 1891: br. 24, 25, 34, 36, 38-40, 46, 48, 51; II, 1891: бр.12, 13, 16-18, 21, 22, 27-28; 1892: 30, 55, 57, 60, 62,; III; 1892 br. 6, 12.
- **Стефановски** Ристо, *Првиот воз*, Пулс, Скопје, 23.01.2001.
- **Т. К.** Во *Тетово започна со работа шах – клубот*, Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 4.
- **Трифуновски** Јован Ф., *Развојот на населението во Тетово*, Шар, Тетово, бр. 26, 27. 01. 1949, 3.
- ***Вардар,*** *Тетовска трговачка школа*, Скопље, 08. 07. 1933, 5.
- ***Службени лист*** *Вардарске Бановине*, Скопље, 10. 09. 1933 г.
- ***Театар***, МНТ, Скопје, бр.1, сезона 1952/53 г.
- ***Тетовске Новине,*** *Независни - задружно - привредни лист*, 1934, 1 -9, Тетово, 1935.
- **Трифуновиќ-Ѓорѓевиќ** Д-р Риста, *Неискоришћено благо*, Глас Пролога, Тетово, 17. 08. 1935.
- **Цимревски** Јордан, *Деветнаесеттиот век со организирана здравствена служба*, Vox medici, Лекарска комора на Македонија, Скопје, бр. 58, април 2008, 64 - 65.
- **Шантиќ** Милан, *Печалбари су донели многе капитале у Јужној Србији*, Политика, Београд, 06. 06. 1936, 7.
- **Шантиќ** Милан, *Тетово има све услове да се развија,* Политика, Београд, 33/1936.
- ***Шар*** – списание Орган на Околискиот и градскиот одбор на Народен фронт, Тетово, (1947 - 1950).

Информатори

- **Апостоловски** Андро, пензионер, Тетово, (1919 – 2010)
- **Богојевиќ** Србољуб, пензионер, Белград, (1927 -)
- **Бошковски** Војо - Шнајдерот, пензионер, Тетово, (1929 - 2011).
- **Васоски** Божидар - Тупанче, историчар, пензионер, Тетово (1937 -)
- **Васовски** Драгољуб – Тупанче, пензионер, Скопје (1932 -)
- **Велјановски** Александар, Санко Касап, пензионер, Тетово, (1920 - 2009).
- **Давидовска** Савица, пензионерка, Тетово, (1926 - 2010).
- **Ѓорѓевска** Коку Цвета, пензионер, Скопје, (1925 -)
- **Ѓорчески** Борис - Ципа, пензионер, Тетово, (1915 - 2012).
- **Ѓорчески** Диме - Чауш, пензионер, Тетово, (1934 -).
- **Закоски** Војо, пензионер од Тетово, (1940 - 2013).
- **Јовановски** Василије - Кртак, пензионер, Тетово, (1933 -).
- **Јовановски** Никола - Ж'брдак, пензионер, Тетово, (1934 -).
- **Јовановска** Цепа, пензионерка, Скопје, (1926 - 2008)
- **Јоргушеска** Рада - Јоргушка, пензионерка, Тетово, (1928 - 2010).
- **Јосифовски** Диме, пензионер, Тетово, (1921 - 2002)
- **Кочовска** Љупка, пензионерка, Тетово, (1935 - 2011)
- **Крстиќ** Ѓурица, пензионер, Белград, (1925 -)

- **Лазаревски** Славе, Пензионер, Тетово, (1924-)
- **Марковски** Јован, пензионер, Тетово, (1904 – 1998)
- **Меновски** Радослав, пензионер, Тетово, (1937)
- **Мисајлоска** Олга - пензионерка, Тетово, (1926).
- **Митрушески** Благоја - Митруш, пензионер, Охрид, (1931).
- **Настовски** Моне - пензионер, Тетово, (1918 - 2012)
- **Николоски** Дракче Ќемане, пензионер, Тетово, (1934 -).
- **Обадиќ** Николина, пензионерка, Тетово, (1932 -).
- **Пандиловска** Милица, пензионерка, Тетово, (1929 -).
- **Петровски** Ненад Танто, пензионер, Тетово, (1939 -).
- **Покорни** Бранко, пензионер, Тетово (1907 - 1995).
- **Покорни** Славјанка, пензионерка, Тетово, (1912 - 1996).
- **Ристоски** Александар - Гуле, пензионер, Тетово, (1924 - 2007).
- **Серафимовска** Мица - Скаутка, пензионерка, Тетово, (1913 - 2000).
- **Серафимовски** Александар – пензионер од Скопје, (1923 – 2003).
- **Серафимовски** Владимир – пензионер од Тетово, (1930 -).
- **Симјанова** Нада - пензионерка, Тетово, (1908 - 2006).
- **Симовски** Драго, пензионер од Тетово, (1920 – 2010).
- **Спировски** Мино, пензионер, Тетово (1945 -).
- **Стефаноска** Љубица, пензионерка од Тетово, (1923 -).
- **Тодоров** Христифор, пензионер од Тетово (1931 -)
- **Трифуновски** Ѓоко - Бербер, пензионер, Тетово, (1926 -).
- **Трпески** Никола – пензионер, Тетово, (1922 -).

Збирки на фотографии

- Басекиќ Бранка, Тетово.
- ДАРМ, Одд. Тетово.
- ДАРМ, Скопје.
- Закоски Војо, Тетово.
- Крстиќ Ѓурица, Белград.
- Максимоски Влајко, Тетово.
- Николовски Драгољуб, Тетово.
- Николиќ Миодраг, Тетово.
- Планинарски клуб *Љуботен*, Тетово.
- Светозаревиќ, Бранислав Тетово.
- Тулевски Зоран, Тетово.
- Спироски Мино, Тетово.
- Кајзер Виринеја, Марибор

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 2
ВОВЕД 10

ГЛАВА I

ОПШТЕСТВЕНО - ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 20. ВЕК

1.1 ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (1900 - 1912) 14
1.2 БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1912 -1918) 25
1.3 СОСТОЈБИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1918 - 1941) 28
1.4 ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА (1941 - 1944) 53
1.5 ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО (1944 - 1950) 81
1.6 МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛНИ ПРОЈАВИ ДО 1944 ГОДИНА 87

ГЛАВА II
ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ВЛАСТИ И ДРЖАВНИ УСТАНОВИ ВО ТЕТОВО

2.1 ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ВЛАСТ 99
2.2 УЧИЛИШТА И ДРУГИ ПРОСВЕТНИ УСТАНОВИ 107
2.3 ЗДРАВСТВО 115
2.4 ЦРВЕНИОТ КРСТ И ДРУГИ ХУМАНИТАРНИ ДРУШТВА 125
2.5 СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ И ИНСТИТУЦИИ 127

ГЛАВА III
СТОПАНСКИ ЖИВОТ

3.1 ЗАНАЕТЧИСТВО 133
3.2 ТРГОВИЈА 170
3.3 АГРАРНО СТОПАНСТВО 181
3.3.1 Земјоделство 181
3.3.2 Овоштарство 190
3.3.3 Градинарство 194
3.3.4 Сточарство 197
3.3.5 Пчеларство 201
3.3.6 Лозарство 202
3.3.7 Шумарство 203
3.3.8 Лов и риболов 204
3.4 ПЕЧАЛБАРСТВО 205
3.5 ИНДУСТРИЈА 213
3.6 СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ 224
3.7 ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ 227
3.8 ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА 230
3.8.1 Банки 230
3.8.2 Кредитни задруги 233
3.9 УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ 235

ГЛАВА V
МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА

4.1 ТОПОГРАФСКИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ ТЕТОВО 242
4.2 НАМЕНСКИ ОБЈЕКТИ 251

4.3 СЕМЕЈНИ ОБЈЕКТИ 269
4.4 ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ 279
4.5 ПРЕДМЕТИ ОД СЕКОЈДНВНИОТ ЖИВОТ 291

ГЛАВА V
КУЛТУРА И СПОРТ

5.1 ОРГАНИЗИРАН КУЛТУРЕН ЖИВОТ 299
5.1.1 Библиотеки, читални и книжари 299
5.1.2 Прозни обиди на македонски народен јазик и друго литературно творештво 304
5.1.3 Новинарство 306
5.1.4 Театар 309
5.1.5 Ликовно творештво 313
5.1.6 Кино 315
5.1.7 Музејска дејност 316
5.1.8 Музички живот 316
5.2 СПОРТСКА И РЕКРЕАТИВНА КУЛТУРА 355
5.2.1. Соколство (гимнастика) и скаутство (извидништво) 356
5.2.2 Фудбал 360
5.2.3 Планинарење 366
5.2.4 Скијање 372
5.2.5 Други спортски и ркреативни активности 378

ГЛАВА VI
ИСТОРИЈА НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ (Култура на живеење)

6.1. ПОТЕКЛО НА МАКЕДОНСКИТЕ СЕМЕЈСТВА И ЕМИГРАЦИИТЕ 383
6.2 МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ЈАЗИК ВО ДЕЛАТА НА ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ, УЧИЛИШТАТА И СЕКОЈДНЕВИОТ ЖИОТ 408
6.3 НЕКОИ ТОЛКУВАЊА ЗА ТЕТОВСКИОТ ДИЈАЛЕКТ ДО 1944 ГОДИНА 416
6.4 СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА 427
6.5 РЕЛИГИСКИТЕ ОБИЧАИ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ 453
6.6 ЛИЧНИ ИМИЊА, КОМУНИКАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА 462
6.7 БОГАТИ И СИРОМАШНИ СЕМЕЈСТВА 471
6.8 МААЛСКИ ЖИВОТ 474
6.9 ГРАЃАНСКА СОЛИДАРНОСТ И ХУМАНОСТ 475
6.10 ЗДРАВСТВЕНА КУЛТУРА 478
6.11 ОБРАЗОВНА КУЛТУРА 481
6.12 ИСХРАНА 486
6.13 ГОСТОПРИМСТВО 494
6.14 СУЕВЕРИЈА 496
6.15 ПОРОЦИ 498
6.16 КУЛТУРНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ДРУГИТЕ ЕТНОСИ 501
6.17 СЕКВЕНЦИ ОД ПРОМЕНИТЕ И ОТПОРИТЕ НА ФЕНОМЕНОТ АЛА ТУРКА - АЛА ФРАНГА 504
6.18 СЛОБОДНО ВРЕМЕ - ПАТУВАЊА, ДРУЖЕЊЕ, ЗАБАВА И ХОБИ 506

ЗАКЛУЧОК 525
БИБЛИОГРАФИЈА 535
СОДРЖИНА 553